
БРАНИСЛАВ СВЕТОЗАРЕВИЌ
ПОКОРНИ

МАКЕДОНЦИ

МИЛЕНИУМСКИ СВЕДОШТВА ЗА ИДЕНТИТЕТСКОТО ИМЕ



2021

Бранислав Светозаревиќ-Покорни

М А К Е Д О Н Ц И

МИЛЕНИУМСКИ СВЕДОШТВА ЗА ИДЕНТИТЕТСКОТО ИМЕ

На сите Македонци кои своите дела и своите животи ги посветија на својот народ...

За издавачот:

Автор:

д-р Бранислав Светозаревиќ-Покорни

Рецензенти:

проф. д-р Стојко Стојков
проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова
проф. д-р Тодор Чепреганов

Лектура:

м-р Александар Јорданоски

Корица:

Јован Божиновски

Печати:

„Напредок“ - Тетово

„Сите завојувачи на Македонија - Хелените, Римјаните, варварите со нивните големи преселби, Турците - се обиделе да ја избришат македонската историска свест, наметнувајќи ѝ на земјата административни имиња, и тоа вештачки. Но залудно. Кој е роден во Македонија знае и се изјаснува дека е Македонец.“[1]

Џорџо Нуриџани (Италија), 1933 година.

[1] Nurigiani, G. *Macedonia nel pensiero italiano*. Casa Editrice Ausonia. Roma, 1933: 125.

С О Д Р Ж И Н А

ЛИКОВИ НА НАРОДНОСНАТА И НАЦИОНАЛНАТА МИСЛА . . . . . .
ПРЕДГОВОР . . . . . .
Благодарност . . . . . .
ВОВЕД . . . . . .
За името . . . . . .
За оваа книга . . . . . .
АНТИМАКЕДОНИЗМОТ И „НАТРАПНИКОТ“ . . . . . .
КОЛЕКТИВНАТА МЕМОРИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ . . . . . .
ЕТНИЧКО И ПОДАНИЧКО ИМЕ ВО ИСТОРИСКАТА ЛИТЕРАТУРА (етноним и политоним) . . . . . .
Хронолошки приказ на именувањето на македонското население како етноним и политоним . . . . .
Хронолошки приказ на именувањето на бугарското население во Мизија и Тракија како етноним и политоним (според бугарски и странски извори) . . . . .

I ДЕЛ - КОРЕНИТЕ НА СЛАВНОТО ИМЕ од VIII век пр. н.е од VI век од н.е. . . . .
Името „Македонци“ во античкиот период . . . . . .

II ДЕЛ – ИМЕНУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ПО ПРОПАСТА НА МАКЕДОНСКОТО ЦАРСТВО ВО АНТИКАТА И СРЕДНОВЕКОВИЕТО . . . . . .
Името Македонци по пропаста на Македонското царство . . . . . .
Хронолошки приказ на именувањето на населението во Македонија како Македонци и Словени според византиски и западни извори во средниот век . . . . . .
Обиди за злоупотреба на византиските административни термини како етнички . . . . . .
Реафирмирање на името „Македонци“ . . . .
ИЗВОРИ ОД VI ДО XIV ВЕК . . . . . .

III ДЕЛ – ИДЕНТИФИКАЦИЈАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕВРОПА И ПОЈАВАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНОТО САМОСОЗНАНИЕ. . . . .
Верската идентификација во Османлиската Империја . . . . . .
Територијалното самосознание на Македонците . . . . . .

Улогата на Охридската архиепископија за континуитетот на имињата на Македонија и Македонците . . . . . .
Илирската идеја и нејзиното влијание врз свеста во Европа за Македонците како илирски (словенски) народ . . . . . .
Македонија и Македонците на географските и етнографските карти од XV до XVII век. . . . . .
Македонија и Македонците во хералдиката од XV до XVII век. . . . .
Македонија и Македонците во литературата од XV до XVII век. . . . .
Македонска именска идентификација кај жителите на другите балкански земји . . . . . .
Папската Држава и Македонците . . . . . .
ИЗВОРИ ОД XV ДО XVII ВЕК . . . . . .

IV ДЕЛ – ПРОТОПРЕРОДБЕНСКИОТ ПЕРИОД ВО XVIII ВЕК И ИМЕНСКАТА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИТЕ ИССЕЛЕНИЦИ ВО ЕВРОПА . . . . . .

Македонците во Европа во XVIII век како носители на територијалната именска самосвест . . . . .
Хабзбуршката Монархија и Македонците во **XVIII век**. . . . . .
.
Руското Царство и Македонците во **XVIII век** . . . . . .
ИЗВОРИ ОД XVIII ВЕК . . . . . .

V ДЕЛ – БАЛКАНСКА МЕШАНИЦА (Прва половина на XIX век) . . . . . .
Етнонимите како социјална и религиозна категорија . . . . . .
Значењата на името ,,ГРК“ во првата половина на XIX век . . . .
Значењата на името ,,БУГАРИН“ во првата половина на XIX век . . . . . .
Името ,,СРБИН“ со преносно значење во првата половина на XIX век . . . . . .
Името ,,МАКЕДОНЕЦ“ присутно во дел од бугарското население . . . . . .
Етнографските „откритија“ на некои европски патописци во Македонија од првата половина на XIX век . . . . . .
Обиди на руската политика за бугарско етничко моделирање на дел од воспитаниците од Македонија. . . . . .

VI ДЕЛ – ЕТНОИСТОРИСКО САМОСОЗНАНИЕ И ИДЕНТИТЕТСКОТО ИМЕ КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ (1800 – 1870 год.) . . . . . .
Протопредбенски одблесоци во Македонија . . . . . .
Митовите и колективната меморија во создавањето на етноисториското самосознание и именската идентификација на Македонците во XIX век . . . .
.

Протопреродбенски одблесоци во Македонија . . . . . .
Митовите и колективната меморија и нивната улога во создавањето на етноисториското самосознание и именската идентификација на Македонците во 19 век . . . . . .
ИЗВОРИ ОД 1800 ДО 1870 ГОДИНА. . . . . . .

VII ДЕЛ - „МАКЕДОНИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ“ (1870 - 1912). . .
Странските пропаганди во Македонија и нивното негативно влијание врз развојот на македонската национална мисла и име (1870 – 1912) . . . . . .
Средства, инструменти и методи на странските пропаганди во Македонија и нивното негативно влијание врз идентитетското име. . . . .
Идентитетските паралели низ призмата на XIX . . . . . .
Ставовите за идентитетското име на генерациите револуционери од „Македонското востание“ до „Илинденското востание“ . . . . . .
Првите политички ставови на западните земји во корист на посебноста на Македонците и нивното спротивставување на рускиот проект за Санстефанска Бугарија . . . . . .
Руските политичко-дипломатски активности за бришење на имињата „Македонија“ и „Македонци“ за службена употреба во османлиското царство и во Европа . . . . . .
Различните ставови меѓу руските дипломатски претставници во Македонија и званичната руска политика кон Македонците . . . . . .
Борбата за возобновување на Охридската архиепископија врз основа на милет-системот како борба за идентитетското име. . . . . .
Првите научни трудови во Европа за идентитетот, јазикот и името на Македонците . . . . . .
Појавата и развојот на македонската научна мисла . . . . . .
ИЗВОРИ ОД 1871 ДО 1912 ГОДИНА. . . . . .

VIII ДЕЛ - МАКЕДОНСКА ГОЛГОТА. . . . . .
Странски сведоштва за самоизјаснување на населението како „Македонци“. . . . . .
Карнегиевата меѓународна комисија и нејзините ставови за Македонците . . . .
ИЗВОРИ ОД 1912 ДО 1918 ГОДИНА. . . . . . .

IX ДЕЛ - „МАКЕДОНСКО ИМЕ НЕМА ДА ЗАГИНЕ“ (1919 – 1944) . . . . . .
Националното воздигнување од пепелта . . . . . .
Развој на македонската национална идеја и теориските разработки за македонската нација . . . . . .

Стратегиите и правците за остварување на идеалите за македонската држава и нација до АСНОМ.....
ИЗВОРИ ОД 1919 ДО 1944 ГОДИНА. . . . . . .

ЗАКЛУЧОК . . . . . .

CONCLUSION . . . . . .

РЕЦЕНЗИЈА на трудот *МАКЕДОНЦИ - илјада сведоштва за идентитетското име од д-р Бранислав Светозаревиќ* (проф. д-р Наташа Котлар)

Една несекојднвна лингвистичко-историска рецензија на делото *Македонци - илјада сведоштва за идентитетскот име (м-р Александар Јорданоски)*

ЛИКОВИ НА НАРОДНОСНАТА И НАЦИОНАЛНАТА МАКЕДОНСКА МИСЛА

1875 год.



Ѓорѓија Пулевски

1875 год.

„Народ се вељид, људи кои се од еден род и који зборувајед еднаков збор, и који, живувајед и се другарад еден, со други, и који, имајед, једнакви, обичаи и песни и весеља, тије људите ји викајед народ, а место во које живувад народ, се вељид отечество од тои народ. Така и **Македонциве** се народ и местово њивно је **Македонија**.“[2]

[2] *Речник од три језика с. македонски, арбански и турски*, књига II. Написао Ђорђе М. Пуљевски, Мијак Гаљички. У Београду државној штампарији Таб Олупмиш 1875, 48-49.

1888 год.



Теодосиј Гологанов

1894 год.

„**Ние Македонците** немаме толку мака од Турците, да ни е жив падишахот, отколку од Грците, Бугарите и Србите, кои, како орли на мрша, се впуштија во оваа наша многу страдална земја и сакаат да ја расчеречат. Јас тргнав да ја обновувам Охридската архиепископија, враќање назад нема.“[3]

„Светата наша Егзархија со својата црковна и просветна дејност тука во Македонија врши, всушност, најмизерна задача, **му го одзема името на еден народ и го заменува со друго**, му го одзема мајчиниот јазик и го заменува со туѓ...“[4]

[3] ЦДА - София, ф. 989, оп. 2, а.е. 59, 1-3; Миновски, М. *Македонизмот во илиденската епоха факти и аргументи*. Појал арт. Скопје, 2020: 89-90.

[4] *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*. Универзитет Кирил и Методиј. Скопје : 288-289.

1888 год.



Темко Попов

„Националниот дух у Македониа до такво дередже денеска је стигнал, штото **и сам Исус Христос ако слезит от небото неможит да го увери Македонеца, оти тој е Блгарин или Србин,** освен оние **Македонци** у кои веке пропагандата блгарска се имат вкоренето...“[5]

[5] Народна библиотека - Београд, Ф: Јован Х. Васиљевиќ, П 413/III, 9 мај 1888.

1902 год.



Борис Сарафов

1902 год.

„Ние **Македонците** сме само **Македонци,** не сме ниту Срби ниту Бугари. Ги симпатизираме и едните и другите; кој нас ќе нѐ ослободи му благодариме, но нека знаат и Србите и Бугарите дека **Македонија е само за Македонците.“**[8]

[8] Весник *Глас Српства*. Београд, 31.7.1902.

1903 год.



Никола Карев

1903 год.

„Не треба да чекаме повеќе Гоце. Време е веќе да стануваме и да се биеме. Да не чекаме слобода ниту од Грците ниту од Бугарите, ами сами ние **Македонците** да се бориме за наша Македонија; што ја засилува Организацијата меѓу селаните и да не се споменуваат тврдењата дека *сите* ***Македонци*** *работеле за присоединување на Македонија кон Бугарија или Грција*.“[9]

[9] *Документи за борбата…*, том 1: 360; „Сами ние да се бориме за наша Македонија“, необјавено писмо на Никола Карев до Гоце Делчев. *Нова Македонија*, 7744. Скопје, 5.5.1968: 8.

1903 год.



Крсте Петков Мисирков

1903 год.

„Имин'ата: србин, бугарин и грк си ислужиа својата служба во Македонија и за ниф там немат поеке место. Време јет да заменит општо за сите македонски словени и - името „**македонец**". Таја смена јет само логично следствије на досегашната работа на македонцките комитети, организацији и интелигенција, и се барат од обстојател'ствата..."[10]

1924 год.

„Велам, за среќа, **има македонска национална култура и историја**, зашто тој факт го наоружува **македонскиот народ** со непобедливо оружје во неговата борба за човечки права и за слободен национален живот како рамноправен член во бројот на културните народи."[11]

[10] Мисирков, К. *За македонцките работи.* Матица македонска. Скопје, 2006: 66.

[11] Мисирковъ, К. „Македонска култура". *Миръ*, XXX, 7155. София, 19.4.1924: 1.

1913 год.



Наце Димов Чуповски

1913 год.

„Осудени отпрвин од римското владеење, а потоа под византиско потиснишство и најпосле под турско ропство, страшното име **Македонец** си наоѓаше засолниште од поколение во поколенија само во македонските срца.“[12]

[12] *Документи за борбат*а..., 558-561; Димов, Н. Д. *Исторический очерк Македонии и македонских славян* (фототипно издание). Петербург, 1913: 74-78.

1913 год.



Димитрија Чуповски

1913 год.

„**Македонци**! Наша должност и наша света обврска да им изјавиме на браќата Руси, Бугари, Срби, Грци и на целиот свет дека ние сме одделен од нив **словеномакедонски народ**, кој нив ги сака со еднаква љубов..."[13]

[13] *Документи за борбата*..., 568-571; *Македонски глас*, 63-66.

1934 год.



Васил Ивановски Бистришки

1934 год.

„Во Македонија постојат елементи на една самостојна **македонска нација** со своја територија и економска целина, со свој јазик и општ национален карактер, и со своја **македонска историја.**“[14]

1935 год. Областен комитет на ВМРО (об.) „**Македонците** под грчка власт не се ниту ’славофони‘, ниту ’чисти Грци‘, како што ни **Македонците** под српска власт не се ’прави Срби‘, исто така и **Македонците** под бугарска власт не се Бугари ниту, пак, сакаат да станат такви. **Македонскиот народ** има свое минато, сегашност и иднина, не како закрпа кон империјалистичка Бугарија, Грција и Србија, туку како самостоен словенски елемент, кој ги има на лице сите својства на **самостојна нација**, која со десетлетија веќе се бори за извојување на своето право на самоопределување дури до одделување во самостојна политичка државна единица од империјалистичките држави што ги потискаат...“[15]

[14] Бистришки*, Защо сме ние Македонците отделна нација*? Мак. нар. съюз в Америка, 1934: 42-55.

[15] *Документи за борбата*..., том 2: 250.

1935 год.



Устав
на В. М. Р. О. (Обединета).

I. Цел, задачи и характер.

Чл. 1. В. М. Р. О. (Обединета) си поставя за цел:

Изграждането на слободна и независима Македония в рамките на нейните географически и стопански граници и обособяването ѝ в самостоятелна политическа единица, влизаща като равноправен член в бъдещата Балканска Федерация.

Чл. 2. Независимата и свободна македонска държава се изгражда върху базата на цялото национално, политическо, гражданско и културно равноправие на всички населяващи я народности.

Чл. 3. За постигането на тая цел, В. М. Р. О. (Обединена) си поставя следните задачи:

а) Изграждането на една масова революционна организация, която да обхване народните маси в трите части на Македония, разделена между Сърбия, Гърция и България, а така също

Областен комитет на ВМРО (об.) „**Македонскиот народ** има свое минато, сегашност и иднина, не како закрпа кон империјалистичка Бугарија, Грција и Србија, туку како самостоен словенски елемент, кој ги има на лице сите својства на **самостојна нација**, која со десетлетија веќе се бори за извојување на своето право на самоопределување дури до одделување во самостојна политичка државна единица од империјалистичките држави што ги потискаат...“[16]

[16] *Документи за борбата...*, том 2: 250.

П Р Е Д Г О В О Р

Предмет на истражување на оваа книга е историски заснованото име на современите Македонци кои денес живеат во Македонија и во светот, и коишто тоа име гордо го носат со генерации.

Недостатокот на една интегрална студија за името на Македонците од неговата појава до денес во нашата историографија за мене претставуваше вистинска причина, предизвик и мотив.

Поводот за оваа книга, за жал, е поврзан со проблемите произлезени од несфатливата актуелна политика на некои од соседните држави поврзани со оспорување на континуитетот на македонскиот народ и идентитетското име. Всушност, суштината на сите политички притисоци на соседните држави кои се реперкуираат на сите можни меѓународни нивоа лежи токму во тоа име.

Македонците се најголемиот доказ дека ниту може да се измисли народ со политички декрет, но и многу повеќе, не може да се забрани постоење на еден народ со каков било државен декрет, макар тоа доаѓало и од најголемите светски сили и асоцијации. Паролите и квази тезите од типот „Македонците се Грци“ или „Македонците се Бугари“, кои ги слушавме последниве две до три децении, самите по себе укажуваат на присвојување од една страна, негирање од втора страна и апсурд од трета страна.

Трудот се фокусира кон проучувањето на феномените поврзани со името како идентитетска ознака на посебен народ (како етноисториска група) и посебна нација (во модерна смисла на зборот), чија суштина гласи: „Македонците се само Македонци“ (ниту антички, ниту словенски). Значи,тоа име се однесува на народ или нација кое во своето етнокултурно јадро содржи антички и словенски супстрат, како споделено наследство со другите балкански современи народи и нации, но во специфичните и комплексни историски процеси издвоено како име на посебен народносен или национален ентитет.

Концепциски, книгата е комбинација на:

зборник на извори создавани низ столетијата во кои експлицитно се споменува етнонимот Македонци за жителите и народот кои живееле на историската територија Македонија; и

студија која се обидува да даде одговор на прашањето како опстојувало името „Македонци“ низ вековите, од антиката до денес и го

одбележувало населението, народот или нацијата кое го носеле, главно, во три форми на самосвесна именска идентификација: територијална, народносна и национална.

БЛАГОДАРНОСТ

Мојот активен интерес за историјата на Македонија и Македонците започна пред 35 години. Исто толку години траеше моето пасионирано собирање и читање на литературата која се однесува на овие прашања, па така во мојата домашна библиотека се наоѓаат мошне важни научни трудови посветени на темата, а кои се напишани и објавени од голем број домашни и странски автори во последните 120 години. Во моето речиси 30-годишно архивско работење и 25-годишна историска научно-истражувачка дејност имав можност како професионеалец да прочитам огромен број извори и литература кои се однесуваат на Македонија и Македонците. Таквото познавање на материјата ми ја олесни одлуката и работењето за оваа книга. Македонскиот државен архив во неговото 75-годишно работење има преземено од светските архиви микрофилмовани и дигитализирани копии на архивски материјал во количина од околу 11 милиони документи, кои сведочат за сè што е поврзано со Македонија и Македонците. Притоа, оваа наша институција објавила стотици и стотици томови збирки документи од домашна и странска провиниенција поврзани со нашата тема, што, секако, ја олесни и решавачки влијаеше врз мојата одлука да ја напишам оваа книга, за што сум неизмерно благодарен.

Сигурен сум дека оваа книга не би го доживеала денот на нејзиното објавување доколку не беше научната поддршка на најеминетни историчари, филолози, фолклористи, географи, стручната поддршка на истакнати архивски работници и несебичната материјална помош од моите долгогодишни пријатели кои секогаш покажувале разбирање за вредноста на историските трудови. Сите овие почитувани колеги и врвни стручњаци во своите области, дадоа свој посебен придонес за оваа книга и тие луѓе се: проф. д-р **Стојко Стојков,** кој посвети долги часови за консултација за средновековниот период и кој со голем ентузијазам ме воведуваше во новите сознанија и текови во медијавелистиката и правилното проценување на комплексното именување на населението во средновековните држави; проф. д-р **Наташа Котлар**, со која повеќе години споделуваме исти ставови за многу прашања од историскиот период кој е тама на нашиот научен интерес; проф. д-р **Михајло Миноски** не

само што е „главниот виновник“ што речиси 30 години непрестајно ја учам и проучувам историјата на Македонија и македонскиот народ, туку неговите сугестии значајно ми помогнаа во конципирањето на книгата; проф. д-р **Војислав Саракински** ги преведе текстовите од латински јазик кои ми беа неопходни за цитирање и ми помогна во разјаснување на одредени извори и поими коишто спаѓаат во рамките на неговата специјалност; проф. д-р **Наде Проева,** којашто несебично ми помогна за прашањата поврзани со античкиот период и повеќе од тоа; проф. д-р **Жила Ленина,** која со должно внимание одговараше на моите барања за одредени извори и литература, особено од руска провиниенција и која не се штедеше во охрабрувањето да продолжам во моите истражувања; проф. д-р **Тодор Чепреганов,** кој не само што несебично ги сподели со мене резултатите на неговите истражувања туку уште повеќе ме насочуваше на клучните прашања поврзани со најновиот период; проф. д-р **Далибор Јовановски,** кој ме упатува на неговите научни сознанија од изворите создавани, пред сè, на грчки јазик; проф. д-р **Владо Поповски** ме упати на некои аспекти од надворешната политика на Русија кон Балканот и Македонија; консултациите со проф. д-р **Марко Китевски** беа насочени кон неговите драгоцени сознанија во македонскиот фолклор, обичаи и традиции и воопшто со македонската колективна меморија; проф. д-р **Лилјана Макаријовска** ми помогна во разјаснувањето на некои лексичко-семантички значења на одредени поими битни за овој труд; проф. д-р **Виктор Лилчиќ** ме упатуваше на некои извори од доцната антика; проф. д-р **Александар Стојчев,** кој, за жал, не е повеќе меѓу нас, ме упати на некои документи кои сè уште не биле објавени од него; проф. д-р **Виолета Ачкоска,** која со децении ја следи мојата научна и професионална дејност и била моја клучна поддршка во повеќе проекти; колегата архивист - државен советник **Стојан Аврамовски,** кој безрезервно со децении наназад ми обезбедуваше стручна литература во оргинална, фотокопирана и дигитална форма, којшто за потребите на ова мое истражување ми обезбеди увид во стотина научни трудови од различни научни области создавани во XIX и XX век, пред сè, во балканските научни центри; **Илија Петрушевски** со задоволство ми ги препушти неговите необјавувани, но стручно обработени географски карти на Македонија и Балканот издавани во периодот од XV до почетокот на XIX век; м-р **Марјан Гијовски** беше во потрага по материјали објавувани, пред сè, во медиумите; потоа м-р **Александар Јорданоски,** лектор и поддржувач на повеќе мои трудови; **Јован Божиновски** ми помогна околу издвојувањето на новинарски

статии од весници на српски јазик во периодот од 1900 до 1944 година и воедно е автор на дизајнот на корицата. Консултацијата за одредени области често се одвиваше континуирано, но и мошне отежнато поради пандемијата.

Во општо тешки времиња на меѓународно и национално ниво и состојбите во научните кругови не се имуни на тие влијанија. Во времиња на кулоарско критизерство и куртоазна критика, искрената стручна помош и поддршка од гореспоменатите научни имиња беше вистинскиот ветер во грб кој ме носеше низ предизвиците на темата.

Во оваа прилика се заблагодарувам на луѓето кои од своите, најчесто скромни буџети, издвојуваа материјална помош за печатење и ја одиграа улогата која би требало да ја имаат и одредени државни институции како издавачи. Тоа се луѓето кои со своите дејности не се поврзани со историската наука, но кои покажуваат неверојатен сенс за значењето на пишаниот збор. Како круна на сето тоа, тие се мои дологогодишни пријатели, сите од Тетово. **Будимир Апостолски,** кој ја следи целокупната моја дејност во детали со децении и, воедно, не само материјално и идејно туку и учествувал во некои мои книги и како дизајнер на насловни страници, негови ликовни дела се искористени како мотиви, а не се штедел никогаш и во организирањето на настаните и кампањите поврзани со книгите; **Мики Крстовски** и **Боби Крстовски**, докажани родољуби со неверојатно разбирање за моите трудови секогаш ме поддржувале и ме поттикнувале за нови дела; **Мирче Деспотовски,** кој материјално го помогна печатењето на ова и некои други мои претходни изданија, **Жарко Трповски**, **Димчо Кузманоски**, **Љупчо Милошевски, Санко Јовановски.** Благодарност и до моите почитувани пријатели тетовчани кои живеат во странство: **Ацо Крстески** од Германија, човекот кој ми се најде кога најмногу ми требаше помош како што помогнал и на многу други Македонци; **Перица Галески** од Германија, **Мирчо Крстески** од Германија, но и **скопјанецот Стојан Трајков** од САД и гостиварчанецот **Иво Стојкоски,** се моите пријатели кои исто така со задоволство помагале и помогнале да се издаде оваа книга. Секогаш тука е семејството, моите родители **Божица и Божидар Светозаревиќ** и сопругата **Адријана Несторовска-Светозаревиќ**, којашто беше покрај мене во секој сегмент и ме поддржуваше во секој момент од создавањето на моите трудови, за што сум ѝ неизмерно благодарен.

ВОВЕД

ЗА ИМЕТО

Големиот македонски поет и мислител Анте Поповски, во една прилика за името ќе запише: „Печатот, духовен и историски што е втиснат и е содржан во **името**, ниту случајно се создава ниту, пак, исчезнува едноставно и брзо. Името е најсигурниот штит врз кој е втиснат знакот на сета историска драма на предците: сите горчини и мрак, но и сета свечаност на неопходниот пораз. Ниедна победа не е духовен излез доколку не е победа на сите. Името на човекот и на земјата не е нешто секојдневно. Сета духовна и друга автономност на битието е содржана во името.“[17] На оваа мисла следи и цитатот на Еме Сезар: „Сите архетипи, сета суштина на автономноста, сè знајно и незнајно, дојдено и уште недојдено - е содржано во името. Во името е содржана сета можна историја. Името - гранче чесно дрво...“[18]

Кога станува збор за име на етницитетите[19] или етничките заедници,[20] името истовремено игра двојна улога - како симбол на обединување или симбол на различноста. Симбол на обединување е кога две или повеќе етнички заедници со свои претходни имиња се обединуваат во едно име кое претходно може да припаѓало на една од поголемите или повлијателни - доминантни заедници или име кое е ново за сите, но во неговата етимологија ги содржи заедничките карактеристики на обединетите етнички заедници. Името како симбол на различност е првиот знак за препознавање на една етничка заедница (род, племе, народ, нација) како различна од другите, соседни или подалечни, сродни или несродни. Името и идентитетот заемно се поддржуваат во моментот кога тоа им е потребно на народите и луѓето поединечно.

Сепак, низ историјата едно име не е врзано секогаш за еден идентитет од проста причина што науката докажува дека постои т.н. миграција на идентитетот кај поединците и заедниците, процес кој се одвива во бесконечен

[17] Петрушевски, И. *Македонија на стари мапи*. Детска радост. Скопје, 1992: 6 (предговор на Анте Поповски).

[18] Истото.

[19] Етницитетот се појавува како нов термин во социологијата, историјата и други науки, кој означува самосвест за припадност кон некоја етничка група (Engels, J. *Macedonians and Greeks*. 2010).

[20] Етничката група подразбира конкретна етничка припадност со карактеристики на апсолутна категорија (Engels, J. *Macedonians and Greeks*. 2010).

број насоки.[21] Генетските институти денес ни откриваат, всушност, дека во современите нации и во секој човек поединечно постојат огромен број комбинации на нивно генетско потекло, односно дека современите нации непобитно претставуваат еден вид мултигенетски амалгами во кои, се разбира, постојат и некакви етногенетски јадра врз кои се надоврзувале и другите етносупстрати. Не навлегувајќи во тоа прашање, ние само констатираме дека етнонимот не може да го поврземе исклучиво со идентитетот и генетиката, туку повеќе на прифатената култура и прифатеното име од заедницата. Ако го прифатиме ова начело, тогаш за нас од етногенетскта поважна е социолочко-културолошката гледна точка. Според Емил Диркем, претставник на француската социолошка школа, „не може да се создаде ништо колективно ако не постојат свесности на поединците, но и тоа не е доволно. Потребно е таа свесност на поединците да биде здружена, споена, и тоа споена на одреден начин. Од тој начин произлегува општествениот живот, кој, според тоа, и го објаснува ова спојување.“[22]

Проучувањето на етнонимите, односно имињата на човековите заедници низ историјата е комплексна материја. Една од причините е современото внесување на содржини и елементи на народната свест под исти термини на поединечните заедници, кои ги наследиле од поблиското или подалечното минато.“[23]

Пристапот до името на една етничка заедница има различни значења во науката. Освен нацијата, која се смета за модерен конструкт во модерните држави од XVIII век до денес, племињата и народите се етнички заедници кои настанувале спонтано низ различните етноисториски околности, ги обединуваат сличниот јазик, обичаите и историските процеси и не зависат од постоењето на државата. Етнонимот како име на една етничка заедница, без разлика дали се работи за род, племе, народ или нација е симбол на еманципација на секоја од нив и симбол на препознавање на посебностите и на крајот симбол на самосознание, коешто не мора да е поврзано со генетското наследство.

---

[21] Александер Урком, Миграција идентитета – идентитетска обележја и њихова манипулација. Годишњак факултета за културу имедије, бр, 7 VII, 2015: 498 – 499.

[22] Dirkem, E. *Pravila sociološke metode*. Savremena škola. Beograd, 1963: 97-98; Црвенковска-Ристеска, И. „Антрополошки поглед врз процесот на создавање на македонскиот национален идентитет во периодот на преродбата, пред и по Илинденското востание (1903 година)“. *Антропозум*, 3. Скопје, 2003.

[23] Vlahović, P. *Narodi i etničke zajednice*, VII. Beograd, 1984.

Потеклото на името може да биде различно: според името на родоначалникот, според територијата на која живее или се населила заедницата (орографски или хидрографски имиња и сл.), според древниот народ или доминантно племе, според елитата која ја предводи, според религијата која ги обележува, според јазикот и културата на која припаѓаат, дури и според имињата на славни географски пронаоѓачи итн. Според етимологијата на етнонимите, најчесто настануваат според географските, теренските односи или според воочените карактеристики, некогаш и според историските условености. Односот меѓу топонимите и етнонимите понекогаш е мошне комплексен, како прашањето за „јајцето и кокошката“, односно честопати се реверсни, па тешко се констатира дали етнонимот има потекло од топонимот или обратно.[24]

Кога станува збор за именувањето на древните народи, тогаш науката се заснова, главно, на два начини на настанување на етнонимите: „тие можат да настанат во самиот народ, односно племе, автохтоно, со ширење, со пренесување при миграциите. Меѓутоа, многу почесто се случува племињата и народите да ги добијат своите називи од другите народи или другите племиња,“[25] од кои ние денес имаме единствени информации за тоа. Етнонимот за една етничка заедница може да биде различен во однос на тоа како самата заедница се нарекува себеси, а како ја нарекуваат другите народи или држави (егзоним), па во историјата препознаваме две, три или повеќе имиња за една заедница. И денес среќаваме различни имиња за една современа нација како на пр. кај Холанѓаните, Швајцарците, Германците, Грците, Албанците, Унгарците, Финците итн.

Науката, исто така, прави разлика меѓу етнонимите на една заедница во различни историски периоди, но и во различни политички системи и држави. Во науката се употребуваат и називи на етноси за кои науката прифатила така да ги нарекува на пример познатите Византијци, никогаш не се нарекувале со тоа име, туку Ромеи. Така, денес некои народи низ историјата ги нарекуваме сосема различно од она што тогаш го употребувале како нивни етноними или како имиња со кои ги нарекувале нивните современи соседни етнички заедници или држави. Науката за одредени етнички заедници низ историјата нема никогаш да го дознае нивното вистинско име и секогаш ќе се

[24] Pavlović, M. „Najstariji makedonsko-plemenski nazivi I principi nastanka etnoniima“. *Четврто заседание на Меѓународната комисија за словенска ономастика*. МАНУ. Скопје, 1971: 116.
[25] Истото.

употребува името кое им е определено од други или од науката. Значи етимолошки, името може да има некакво значење и потекло, но и не мора или во најмала рака е непознато. Етнонимот низ историјата не означувал само етничка заедница со заедничко потекло, напротив, еден ист етноним го прифаќале како заеднички две или повеќе етнички заедници кои во одредени периоди дури и војувале меѓу себе. Исто така е познато дека на една поголема етничка заедница со текот на времето се приклучувале и други помали или доселени етнички заедници кои се асимилирале и го прифатиле заедничкото име, а старите етноними на народите и племињата исчезнувале.

Проучувањето на името „Македонци“ низ историјата е исто така комплексно прашање. Името „Македонци“ претставува своевиден феномен, кој опстојува илјадници години наназад. Во изборот на изворите можеме да го разликуваме именувањето на самите Македонци за себе и именувањето на Македонците од страна на странски автори. Низ таа долга историја тоа име памети најславни моменти во човековата историја, во одредени период, речиси исчезнувало и повторно како феникс од пепелта се воздигнувало. Некогаш било негирано а потоа присвојувано или сведувано на провинциска именска основа. Сепак, и во такви услови како што е долготрајното негирање на името, дали постои или не повторно го актуелизира, дури и неколку деценискиот спор за т.н. „македонско прашање“, за неволја на негаторите го одржува македонското име. Корените на името на современите Македонци се мошне стари и длабоки. Потекнуваат од името на античкиот народ Македонци и, пред сè, татковината Македонија. По потпаѓањето на Македонија под римска управа од 168 год. пр. н.е името на народот и земјата се зачувале како етнос и како римска провинција. И по неколку векови на променета структура на населението и заеднички живот со словенските племиња со нивни посебни имиња, повторно од XII век во изворите доминира заедничко име „Македонци“ за жителите на средновековна Македонија. Во новиот век (од XV до XVIII век) располагаме со непобитни докази за територијалната свест на Македонецот, кој тоа име го носи според земјата Македонија во која е роден и од него не се откажува и дури и кога ја напушта родината засекогаш. Македонија, меѓу жителите кои се родиле во неа, стекнува неофицијален, но непобитен статус на земја - мајка, односно „мајка Македонија“. Од средината на XIX век името Македонци се користело како етноисториско или народносно, а со создавањето на македонската држава од 1944 година како национално.

Народите низ историјата воделе големи и често долготрајни војни за своја слобода, афирмација но и за територијална и културна и религиска експанзија. Се чини дека македонскиот народ, освен борбата за својот идентитет или потекло, јазик, држава, и црква, водел и води вековна борба и за своето идентитетско име. Светската историја не памети политичка битка за име од толкави размери и толку голем временски период. Светската историја не памети толку дипломатски интервенции, пропагандни активности и царски и државни наредби и за забрана на користење на име на еден народ и една земја. Постојат многу народи во светот кои се бореле за својот идентитет и независност но не постои народ кој водел толкава битка за идентитетското име.

Славата на македонското име во светски размери е најголемата причина тоа име од различни побуди да биде присвојувано од различни држави, владетели и на крајот и од современи држави. Со подвизите на македонските кралеви се воодушевувале и инспирирале голем број историски личности, како императори, војсководци, востаници и преродбеници. Дури некои од нив се поистоветувале со овие славни ликови.

Во поново време Големите Сили заинтересирани директно за состојбите на Балканот, и тоа во втората половина на XIX век Русија и Австро-Унгарија, а во првата половина на XX век Велика Британија и Франција, немале никаков интерес за опстојување на Македонците како посебна нација. Сè се сведувало на една проста теза: доколку тие немале директен интерес од постоењето на еден народ, тој не мора ниту да постои. Во книгава претставуваме документарни сведоштва на Руското Царство и Велика Британија кои не се стремеле за физичка ликвидација, туку за преименување на Македонците.

Соседните држави од XX и XX век името „Македонија“ го посакувале за себе како име на една нивна провинција, а името „Македонец“ како име на жител на нивната провинција, заштитени со декрети како географски поими. Но само еден народ тоа име го носел спонатано и природно без политичка одлука, на ниту еден владател или влада и тој народ се бори со векови да го сочува истото, поднесувајќи големи жртви и страдања до денес. Само еден народ исконски, стоички, безусловно се согласи да ја носи тежината на славата на тоа име, за да биде обвинуван, напаѓан, навредуван, исмеван, казнуван, негиран, физички истребуван и притоа не барајќи за тоа ниту милост ниту сојузник. Тој народ се потпираше само на сопствената определба која не била

поврзана со државноста. Секаде каде што Македонците се иселувале со себе гордо го носеле и своето име. Илјадници македонски асоцијации, црковни општини, здруженија и клубови низ светот го чувале и го чуваат името на Македонците. Името на народот е основната содржина за именување на македонскиот јазик, Македонската православна црква и современата македонска држава.

ЗА ОВАА КНИГА

„Кога би ми понуделе да изберам меѓу пронајдената вистина и задоволството во пронаоѓањето, би го избрал ова второво“ - Лесинг

Во периодот од 1890 - 1944 година на најжестоките пропагандни активности во соседните балкански држави се продуцираа стотици и стотици книги на повеќе европски јазици сè со цел да се прикаже пред светот дека во Македонија во средниот и новиот век живееле отсекогаш само Бугари, или само Срби, или само Грци. Но тие книги требаше да ги убедат и Македонците дека тие не се Македонци, туку нешто сосема друго. Ете тоа беа само еден вид методи за оставрување на шовинистичките цели. Ваквата „научна“ литература, продолжи, главно, да се реобјавува и во XX век, дури и во времето кога постои македонска држава.

Дури и во XXI век Македонците се обвинети само затоа што постојат или популарно кажано „Македонците се виновни што се живи“, а тоа се случува во рамките на Европската Унија. Ваквата политика ја спроведуваат две нејзини членки, злоупотребувајќи го ветото пред сè уште немоќната Европска Унија вистински да ги согледа последиците од нарушувањето на постулатите врз кои таа е заснована. Покрај постојаната политичка закана од вето, македонската нација и држава се изложени на постојани т.н. идентитетски напади од научните институции на овие држави. Целта на тие идентитетски напади се сведува на обидот Македонците сами да се согласат дека „постојат од 1944 год.“ како политичка творба и дека претходно биле дел од една друга нација, применувајќи притоа методи кои личат повеќе на една ,,специјална војна“.

Големодржавните концепции и негаторски ставови и манипулации на некои од соседните држави кон македонскиот народ заслужуваат одговор од македонската научна мисла, пред сè од македонската историографија, која што не изостана во последните 77 години. Во овој период издадени се

илјадници наслови посветени на македонската историја, државност, јазик, култура, фолклор, Македонската православна црква и други важни идентитетски белези. Во најголемиот дел од нив парцијално или како дел од прашањата се третирало и идентитетското име. По создавањето на современата македонска држава во 1944 година, се создале услови за посистематско научно проучување на идентитетските прашања. Создадени се државни институции и универзитети, а со нив и стручни кадри за соодветно проучување на оваа проблематика. Освен историчарите, свој голем придонес дале и лингвистите, политиколозите, социолозите, правните историчари, публицисти - истражувачи, фолклористите и припадници на други научни области. Во таа насока, и насловот на оваа книга не се однесува само на историската наука туку на македонската наука воопшто, која во своите 77 години слободен творечки развој достигна големи резултати.

Како историчари се чувствуваме повикани да истражуваме и да дадеме придонес во изнаоѓањето на одговори на одредени прашања од историјата кои сè уште се недоразјаснети. Свесни сме дека историјата како наука секогаш ќе има нешто ново да каже, впрочем, ниту една книга на светот не ја исцрпела темата на својот наслов. Сепак, главниот мотив за создавање на овој труд е прашањата: Како е можно во XXI век во Европа од одредени соседни политики да се оспорува постоење на еден народ, кој реално постои и е признат од целиот свет? Како е можно во рмките на Европската Унија да постојат држави кои директно ги погазуваат основните постулати врз кои се базира ЕУ, како што се правата на слободно изјаснување, правото на слободно мислење и говор, правото на луѓето и народите за нивно национално самоопределување, општите човекови права, правата на малцинствата кои во современа Европа претставуваат „супстанца“ или „сврзно ткиво“ за интегрирање на државите во Унијата?

Во оваа книга издвојуваме преку 1000 сведоштва од различни извори во период од 1500 години во коишто се зборува за Македонците и македонските Словени. На прикажаните извори ги додадовме и досега не објавуваните извори во македонската историографија, кои се пронајдени специјално и во текот на подготовката на овој труд. Во овој труд се искористени домашни и странски извори од: Австралија, Австро-Унгарија, Албанија, Аргентина, Белгија, Бугарија, Ватикан, Велика Британија, Византија, Холандија, Германија, Грција, Италија, Југославија, Мексико, Османлиско

Царство, Полска, Русија, САД, Словенија, Србија, СССР, Франција, Хрватска, Чехословачка, Чешка, Шведска, Шпанија, Швајцарија.

Периодот кој го опфаќаат избраните оргинални домашни и странски извори во оваа книга, поради неспорното постоење на етнонимот „Македонци“ во античкиот период, се определивме изворно да го прикажеме од VI век, т.е. од појавата на словенските племиња во Македонија, па сè до моментот на создавање на современата македонска држава во 1944 год., со што се анулира можната пристрасност и евентуалното влијание на политиката на современата македонска држава и нејзините институции врз создвањето на тие документи.

Хронолошки прикажаните извори потекнуваат од автори кои припаѓаат на најразлични општествени слоеви и структури, почнувајќи од царските канцеларии, преку премиерските кабинети, генералштабовите, највисоки државни и воени функционери, министри, дипломати, прерод-беници, револуционери, интелектуалци, студенти, свештеници, агенти, патописци, новинари, истражувачи, па сè до обичните луѓе и сите тие од различна идеолошка провиниенција и политички гледишта. Цитираните извори се прикажани хронолошки според периодот во кој се создадени а не според периодот за кој се зборува за одредени настани и процеси.

Освен докази за постоењето и употребата на народносното име, во ретки случаи наброени се и некои извори кои зборуваат за името на земјата или борбата за името на јазикот и неговиот континуитет за црквата и нејзиниот континуитет, сè со цел да се проследи нивната поврзаност. Во фуснотите, (освен во мал број исклучоци) покрај другите објаснувања се прикажува делото и авторот од кои е преземен изворот (заради пошироко запознавање на изворот или проблематиката, која е поврзана со тој документ), како и сигнатурата на изворниот документ, како базичен доказ. Во цитатите на изворите болдирањето на некои зборови, е направено од наша страна.

Приказот на изворите на читателот му овозможува самиот да се увери во небулозните пропагадни напади врз македонскиот идентитет кои се пласираат од Бугарија од типот дека „Македонците ги измислил Тито, Коминтерната или Стојан Новаковиќ“ и ред други апсурди. Но иронијата на бугарската антимакедонска пропаганда да биде уште поголема е во тоа што уште пред да се појави Коминтерната (1934) американските претставници на Версајскиот мировен договор се заложиле за признавање на посебна македонска држава со македонски народ во неа. Пред заложбите на Тито и

КПЈ (1937) за признавање на Македонците како посебен народ, претходно декларативно првите афирмативни објави доаѓале од бугарскиот комунистички лидер Васил Коларов и други истакнати лидери на Бугарската комунистичка партија (1926).[26] Пред да се појави великосрбинот Стојан Новаковиќ (1888), кој констатирал постоење на посебно македонско движење и свест за посебен македонски народносен елемент кој се бори за своја афирмација, цели 16 години пред него тоа го констатирал големобугаринот Петко Рачев Славејков (1871), кој признал дека тој факт повеќе не може да се крие и најпосле излезле на јаве. Пред да се појават во 80-тите години македонските буквари на Стојан Новаковиќ во Македонија, како обид за приближување на македонскиот кон српскиот јазик, 20 години претходно во 1869 година таков обид прави и бугарската пропаганда со специјалните учебници издавани од цариградските Бугари и нивното „Читалиште“, меѓу кои и Славејков, со цел побугарување на Македонците. И најневнимателните читатели ќе се прашаат: како тоа бугарската влада и наука ја уверува Европа дека Македонците постојат од 1944 година, а во бугарските весници јавно ги негираат Македонците уште од 1871 година. Како тоа Македонците се негираат 150 години, кога тие постојат само 77 години? А зарем може да се негира нешто што не постои? [27]

Вака хронолошки подредените извори на читателот му овозможуваат да согледа дека ништо во историјата не доаѓало случајно. На сите тие историски настани, кои понекогаш ни изгледаат како случајни појави, им претходеле историски процеси. На пример, споменувањето на македонскиот народ во заштитното писмо на хабзбуршкиот монарх Леополд (1689), формирањето на Македонскиот полк во Русија (1756), и како дошло до јавното признание на бугарскиот преродбеник Славејков дека многупати слушал „од македонистите дека тие не биле Бугари, ами Македонци, потомци на древните Македонци‘‘ (1871). Не е случајна и појавата на првата македонска историја и македонски речник на Ѓорѓија Пулески во 70-тите години на XIX век, ниту епохалното дело на Крсте П. Мисирков *За македонсцките работи* во

[26] Поплазаров, Р. „Бугарски искажувања на македонската историја и посебно за илинденското востание“. *Прилози за Илинден*, II. 1978: 167-171.

[27] Се разбира, ова се само документирани одговори на тоа дека временски, признавањето на македонската реалност од страна на бугарските фактори била пред наводните „креатори на македонскиот народ“.

1903 година, сите македонски востанија имале и свои историско-национални процеси кои им предходеле. Ниту еден наш преродбеник не е поединец или изолиран случај. Не е случајно што дедовците и татковците се комитите од Илинденското востание од 1903 год., а нивните внуци и синови се партизаните од Народноослободителната војна од 1941 - 1944 год. Сите овие генерации се припадници на еден народ кои поминале низ мрачните лавиринти на историјата за да го зачуваат идентитетот и македонското име до денес. Всушност, љубителот на оваа тема лично ќе има можност за првпат сублимирано и аналитички да се запознае со збирка извори (документи) за името „Македонци“ низ столетијата наназад, неговата идентитетска улога на еден народ којшто тоа име го носи со векови како териотријална, народносна и национална ознака на самопрепознавање.

Оваа збирка извори е придружена и со соодветни анализи кои на читателот му даваат можност за пошироко согледување на прашањата кои се поврзани со процесите, настаните и сфаќањата во различни периоди од историјата. Притоа, оваа книга прави еден обид за сублимат, се разбира, не конечен, на дел од резултатите и сознанијата на македонската наука на досега откриените историски извори, кои на едно место ќе бидат, во скратена форма пристапни до поширокатa македонска и светска јавност. Анализите и сведоштвата во оваа книга покажуваат етапи на именско самосознание кај Македонците, и тоа:

- територијална, именска самоиденификација од почетокот на XVI и до почетокот на XVIII век;
- протопреродбенската свест во XVIII век и првите децении на XIX век;
- народносната (етноисториска) самосвест која се појавила кон средината на XIX век и која траела до создавањето на македонската држава во 1944 година;
- национална именска идентификација која се создала со формирањето на современата македонска држава.

Покрај анализата на посебните периоди и приоди кон името, читателот има можност да ја согледа и синтезата на сите тие периоди во една целина и секогаш да се поаѓа од причините кон последиците. Токму синтезата претставуваше огромен предизвик за авторот кој требаше да спои големи историски периоди во кои именувањето на населението, народот и нацијата следи свои посебни правила во однос на историските околности.

Територијалноста имала поголемо влијание во зачувувањето на името во однос на наметнатите политоними од страна на различните политички елити кои се појавувале и заминувале на македонските простори, особено во средниот и новиот век. Исто така, колективната меморија на народот секогаш се покажувала како посилен фактор за зачувување на народносното име од каков било туѓо наметнат државен декрет, особено во политичките околности на XIX и XX век. Задачата да се направи синтеза на ова прашање станува особено тешка кога за таа задача ќе се нафати само еден историчар. Консултацијата со колегите кои се специјалисти за различните периоди во историјата, потоа различни проблематики од оваа наука, но и специјалисти од други науки: филологијата, социологијата, географијата, фолклористиката итн. е крајно нужна и неизбежна. Сепак, предноста на историчарот кој работи на синтеза на различните периоди, како што тоа го забележува Ејза Бригз,[28] може да биде подоследен во своите заклучоци и полесно да укаже на континуитетот и дисконтинуитетот во приказната, се разбира, под услов искрено да им укаже на читателите на тоа што е непознато.

*** * ***

За поимите „народ“ и „нација“ во оваа книга.

Во интерес на читателот, сметаме дека е потребно да дадеме извесни објаснувања за термините на етничките заедници низ историските периоди на овие простори со кои се среќаваме низ нашето истражување, како и за поимите „народ“ и „нација“ кои ги подразбираме во оваа студија. Иако, главниот акцент на оваа книга се однесува на идентитетското име на Македонците, сметаме дека сме должни да го објасниме пред читателот значењето на неодминливите поими „народ“ и „нација“ во оваа книга. Таа потреба се наметнува од фактот дека во минатото и денес се напишани многу трудови за значењето на овие поими за коишто сè уште постојат големи разлики во нивното толкување.[29] Поимите кои ја означуваат етничката заедница во различни системи, држави и временски периоди имаат различно значење, вклучувајќи ги и идентичните имиња на тие етнички заедници.[30]

---

[28] Бригз, Е. *Друштвена историја Енглеске*. Светови. Нови Сад, 2001: 6.

[29] Смит, Е. Д. *Потекло на нациите*. Ars studio. Скопје, 2016.

[30] Уште во античкиот период, и тоа, пред сè, од времето на владеењето на Александар III, македонската држава територијално далеку ги надминала етничките граници на античките

Модерното сфаќање на поимот „**народ**“ често погрешно се поистоветува со средновековните народи. Средновековното титулирање на кралевите и царевите најчесто е поврзано со територијалните владеења, а не со етничките заедници, па така тие во рамките на феудалните држави биле во сенка и за нив се користи поданичко име, односно името користено од елитата.[31]

Македонци и се губи „начелото на сродство по крвна линија, а во преден план се истакнува територијалноста како начело“. Во таа огромна територија која за првпат споила територии од три континенти биле почитувани локалните традиции, религии, јазици и други особености. Но тоа што започнува да ги врзува меѓусебно сите овие антички етноси, покрај државата и владетелот, бил и јазикот за меѓусебна комуникација, односно старогрчкиот. Универзалноста на ваквиот тип држава ја презема и големата Римска Империја во којашто начелото на сродство постепено и конечно до Јустинијан ќе биде потиснато со територијалното начело, а латинскиот јазик ја презема улогата на јазик за службена комуникација, а веќе изградената претходна традиција за употреба на старогрчкиот јазик останува во натамошна употреба, генерално, на териториите на кои и пред завладувањето на Римјаните се употребувал. Ова начело на употреба на латинското и старогрчкото писмо трае до распадот на Римското Царство. Но во една таква промена доаѓа до издвојување на поимите кои требало да означуваат територии во огромното царство кои се разликуваат од одредената територија од Рим. Тоа е појавата на терминот „**етнос“**, што, всушност, територијално ги одредувал провинциите, како и поимот „**natio“**, со што се нарекувале припадниците на тие провинции освен за самите Римјани кои себеси се нарекувале „Ние Римјаните“[30]. Во старогрчкиот јазик зборовите „**демос**“ и „**етнос**“ се употребувале за туѓи племиња, а со тоа и како синоним за „**варвари**“, а зборот „**лаос**“ се однесува на заедница која има политичко значење, додека во новогрчкиот јазик тие термини добиле друго значење. Така, „**етнос**“ значи „**нација**“, „**демос**“ е поим за општина, а „**лаос**“ израз за мноштво луѓе. Поимите „**gens**“ и „**natio**“ во средниот век означуваат народ во политичка смисла, а се пренесуваат и во смисла на војска и други значења. Смислата на употребата на зборот „**natio**“ или „**nationes**” од XIII век се изменила, започнала нејасно да означува јазични целини, додека во XV век „**natio**“ во Германија „означувала современа општествена заедница“. „**Етнос**“ како термин низ историјата означувал групи луѓе од релативно мали заедници (родовско-племенски) до значително побројни заедници во првобитната заедница, робовладетелството и феудализмот. (Vlahović, P. *Narodi u etničke zajednice sveta, Petar Vlahović, Vuk Karadžić*. Beograd, 1984.) Според тоа, користењето на овие поими во изворите на латински и старогрчки јазик во различни периоди имаат различно значење, што секако од науката бара посодржајна, крајно внимателна смисловна и суштинска анализа. Во средниот век, големите кралства и царства на овие простори биле територијални творби во кои живееле повеќе етноси. Според средновековната словенска терминологија, основниот поим за етничка припадност се содржел во зборот „**род**“, кој можел да има и пошироко значење од сродна група луѓе, како што се семејството, група на крвно поврзани семејни заедници или племе.

[31] Така, термините „средновековни Срби“ или „средновековни Бугари“ го нема истото народносно значење кое го подразбираме денес и повеќе се однесува на поданичкото име на жителите на истоимените средновековни држави. Територијалноста на државите како начело

Во книгава поимот „народ“ го употребуваме со две значења: народ како - население на античка (демос) или средновековна (генс) држава и народот во XIX и XX век, кој го подразбираме како „етнос“ - неполитичка етноисториска и етногенетска заедница која поседува самосвест за своето постоење, заеднички вредности, историја, култура, обичаи и свесност за заедничко народносно име.

„Нацијата“ која се појавува во развиеното капиталистичкото општество во Западна Европа, генерално, добива две форми и значења: првобитната западноевропска форма, која поимот го третира како исклучиво политички и нацијата се поврзува само со државата (политичка нација) и втората форма, која се развива претежно во Источна Европа се прифаќа со значење на нацијата како народна заедница чиишто припадници ги врзува заеднички етницитет (етничка нација).

Со овие прашања долго време се занимаваат историчарите, социолозите, филозофите, правниците и други научници, кои до ден денешен даваат различни одговори и дефиниции. Нив може да ги поделиме на некои правци од коишто ги издвојуваме најзастапените:

- **примордијализамот** најмногу се застапува за „етногенетската теорија“ на континуитет на нациите;
- **перенијализмот** се заснова на „историската истрајност“ на нациите;
- **конструктивизмот или модернизмот** ги поврзува нациите со создавањето на државите, односно дека нема нација без држава.

Што подразбираме во овој труд подетално под поимите „народ“ и „нација“?

Барајќи го дефинирањето на поимите „народ“ и „нација“ меѓу современите теоретичари кои ја проучувале оваа проблематика, кои ќе бидат и најблиски до спецификата на развојот на македонската национална мисла, ги издвојуваме ставовите на Ентони Д. Смит за народот кој го означува како „етничка група“ или народ и „нацијата“. Според него, народот и нацијата ги поседуваат следните „видови идеали“:

на именувањето на нивните жители имала и пренесено значење и по пропаста на одредени држави. Така, територијата на античката држава Македонија по нејзината пропаст продолжила службено да се нарекува Провинција Македонија во рамките на Римското Царство, а по пропаста на Римското Царство еден нејзин дел, и тоа оној на Балканот, службено бил именуван од страна на Османлиската Империја како Румелија, турски назив за римска територија.

„Етничка група (или народ - м.з.)

1. **себедефинирање, вклучувајќи соодветно колективно име;**
2. **митови за заедничко потекло и предци;**
3. заеднички спомени од минати заеднички настани, места и ликови;
4. еден или повеќе елементи на зедничка култура;
5. некои чувства на солидарност, барем меѓу елитите;

нација

1. **себедефинирање, вклучувајќи соодветно колективно име;**
2. **заеднички митови и спомени за потеклото, изборот итн.;**
3. карактеристична заедничка јавна култура;
4. поседување на окупирање на историска татковина;
5. општи права и обврски за сите членови.“[32]

Смит забележува дека во првите два вида идеали гледаме совпаѓање, а потоа има значителни разлики, со тоа што во случајот со нацијата гледа многу поразвиена јавна култура. Според него, во модерниот свет постојат два концепти за нацијата: **граѓански или територијален**[33] и **етнички или генеолошки.**[34] Така, на пример, претставувањето националност на луѓето во Западна Европа и Северна Америка веднаш подразбира политичка нација, додека луѓето во Источна Европа, вклучително и во Македонија, национално се претставуваат во смисла на етничка припадност.

---

[32] Смит, Е. Д. *Потеклото* ... : 18.

[33] „Граѓанската концепција ги тертира нациите како единици на население што населуваат демаркирана територија, поседуваат заедничка економија со мобилност во единствен професионален територијален и производствен систем низ целата територија, општи закони со идентични законски права и обврски за сите и јавен масовен образовен систем со единствена граѓанска идеологија. Територијата, економијата, правото и образованието ги сочинуваат четирите сфери во кои и преку кои, според ова гледиште, нациите се формирани. Ова е претежно западна концепција и добро се вклопува во митот „за модерната нација“, бидејќи овие видови на единство - територијално, економско, законско и образовно - бараат модерна, индустриска основа.“ Истото, 41.

[34] „Но има и друга концепција за нација што е во помала хармонија со западната современост. Таа ги смета нациите за именувани човечки населенија што тврдат дека имаат заедничко потекло, народна солидарност, заеднички обичаи и мајчин јазик и заедничка историја на потекло. Генеологијата, демографијата, традиционалната култура и историјата ги снабдуваат главните ресурси за етничкото гледиште на формирањето на нациите. Таа е концепција за нацијата што била прифатена, главно, надвор од западните земја и често е спротивна на граѓанските концепции. Истото, 41-42.

Доколку нациите се поврзани со постоењето на државите, народите опстојуваат и без држави, како што се примерите со Каталонците, Баскијците, Курдите, Ујгурите, но и Македонците, Албанците и Словенците кога немале свои национални држави, а таквите примери од минатото и сегашноста се многубројни.[35] Дури и групите на современите економски мигранти во нивните нови држави, кои стануваат дел од тамошните нации, ги зачувуваат и ги негуваат нивните народносни белези. Така, земајќи ги предвид двете концепции на политичка нација и етничка нација, преку примерите на многуте економски мигранти денес сме сведоци за постоење двојни националности. На пример, огромен дел од американските државјани имаат американска политичка националност, а во исто време се носители на својата етничка националност од која произлегле.

Со оваа книга не означуваме ниту почеток ниту, пак, крај на заложбите да се дојде до вистината за именувањето на Македонците, но вистината нѐ охрабрува никогаш да не запреме со работа во оваа благородна и родољубива идеја. Свесни сме дека во толкав избор на извори се можни грешки и пропусти. Секоја нивна натамошна исправка е добредојдена, дури и да пристигнала од малиот број негатори на Македонците на кои ќе им бидеме благодарни, зашто следната книга на оваа тема ќе биде уште поквалитетна и посодржајна. Тоа е науката!

АНТИМАКЕДОНИЗМОТ И „НАТРАПНИКОТ“

Војната во името на културата е војна против националниот идентитет и е добра причина, читај изговор, да се владее со другите „некултурни“, „предавнички“ или „заблудени“ народи, дури да се владее и со целиот свет од избраната нација или раса. Војната (со оружје или без него како специјална) во име на културата е доволен изговор или причина да се случи, па Иван Чоловиќ во својата книга *Балканот - терор на културта* констатира дека всушност **политиката е продолжение на културата**: „Разликата меѓу ’нас‘ и ’нив‘, меѓу нашата култура и некоја друга култура, овде се набљудува како разлика меѓу единствената вистинска или автентична култура и разните облици на лажната, вештачка култура или култура со понизок степен на развој. Во таа ситуација, задачата на ’нашата‘ култура не е само да го зачува и одбрани својот идентитет меѓу другите култури туку многу повеќе од тоа - да земе врз

[35] Vlahović, P. *Narodi u etničke zajednice sveta, Petar Vlahović, Vuk Karadžić*. Beograd, 1984.

себе месијанска улога, да просветли, да едуцира и да ги спаси од пропаст останте.“[36] Низ историјата има мноштво такви „мисионерски“ геноцидни војни во светот кои се воделе во името на религијата, расата, класата, па дури и во името на демократијата.[37] А религијата, расата, класата и демократијата се всушност феномени на културата на живеењето во одредени временски периоди од развојот на човековото општество.

Во балкански контекст, повторно заживееја мрачните духови „за заштита на верата“, „автентичната култура“ и „автентичната нација“. Некој пресметал дека доколку се задоволат територијалните барања кои „припаѓаат на културниот и национален простор“ на малите балкански народи, тогаш територијата на Европа ќе биде претесна за нив. Не е тешко да се докаже тоа, нели?

Во XIX век започнаа да се раѓаат новите балкански нации коишто според начинот на создавањето драстично се разликуваат од оние современи нации на Западна Европа, најмалку еден век пред тоа. Всушност, тие балкански држави нации се создаваа со воена и политичка интервенција. „Во реалноста војската од 160 000 војници што Русија ја испратила преку Дунав во 1877 година сторила повеќе за ослободувањето на балканските христијани од кој и да е ајдут или арамија.“[38] Сè уште новосоздадените држави кои немаа ниту целосна самостојност и за кои гаранција беа Големите Сили, само по неколку години од нивното постоење започнале планови за нивна територијална експанзија.

Самостојни или вазални, сеедно, всушност се создадоа мали државички со колосални територијални апетити, па во нивните воено-политички стратегии се најдоа во исто време возобновувањето на Византија („Мегали идејата“), Душановото Српско Царство („Начертание“), Симеоновото Бугарско Царство („Санстефанска Бугарија“) и други и сите тие биле потребни

[36] Чоловиќ, И. *Балканот - терор на културата*. Слово. Скопје, 2012: 12.

[37] Крстоносните војни и покатоличувањето на домородните народи во Јужна Америка или создавањето на Исламскиот Калифат и Талибанците, сите „во името на Бога“, 60 милиони директни жртви и милијарда со последици, сите во „името на расата“, милиони жртви на комунизмот, сите „во името на класата и народот“, а во XXI век опустошувањето на државите на Блискиот Исток и Северна Африка и сите во „името на демократијата“ итн.

[38] Мазовер, М. *Балканот, кратка историја*. Евро Балкан прес. Скопје, 2003: 102-139; Стојановски, С. *Европа и Балканот: Историско наследство и конструкција на колективните идентитети*. Central and Eastern European Online Librar, Journal for European Issues Evrodijalog, 11/2009: 173-186.

да ги „заштитат“ нивните вековни права на нивните милениумски автентични култури и историски народи. Но на претходно наброените царства центарот на заедничката територија се наоѓа во Македонија. Оттаму започнува да се раѓа болното „македонско прашање“ кое ќе предизвика големи политичко-воени судири, милиони жртви и непроценети материјални загуби. Меѓу овие три политичко-воени концепции во втората половина на XIX век се појавува на јаве еден „натрапник“ кој сака сите ним да им ја одземе „нивната историска територија“, а тоа е народот кој со векови живеел на тие простори, народ кој имал свој јазик и специфична култура, сакал своја посебна држава и црква и што е „најстрашно“ од тоа, истиот народ се декларирал како „македонски“ на територијата која со милениуми се нарекувала „Македонија“.

Македонците и македонските револуционери од 70-тите години на XIX век не можеле ни да претпоставаат дека нивната желба и визија за создавање една посебна македонска држава на Балканот не била во планот на ниту една голема европска сила. Како резултат на тоа, македонските револуционери и идеолози не само што не добиле една искрена поддршка од официјалните влади на тие држави туку биле и конкретно попречувани во таа намера. Најзаинтересираните од нив, Руското Царство и Австро-Унгарија, биле сериозно загрижени за нарушувањето на статус-кво состојбата, надевајќи се на некое идно време кое повеќе ќе ги задоволи нивните интереси. Во април 1903 година султанот Абдул Хамид издал наредба за забрана на употребата на терминот „Македонија“ во секој вид службена и приватна употреба.[39] Една година пред овој настан Австро-Унгарија и Русија ѝ сугерирале на Османлиската Империја да спроведе пакет-реформи (т.н Падарски реформи) со цел зачувување на султанскиот суверенитет, како и воспоставување ред и мир во Македонија од едноставна причина што овие две големи сили биле речиси во детали запознаени со подготовките за едно големо македонско востание.[40] Уште пред тоа, во 1896 година, Русија презема силни дипломатски мерки за забрана на користење на имињата Македонија и Македонци, за што ги мобилизира не само своите дипломати туку и дипломатиите на балканските

[39] Başsbakanlik Devlel Arşivleri Genel Müdürlügü, Osmanli daire Balkanligi, Rumeli Müfettişligi Tasnifi, sadaret ve Bakitabet Evraki. Телеграма од 7.4.1903 год. Генерален директорат за државни архиви на владата, Секретаријат за османлискин работи - Инспекторат за класификација на румелиски документи во Истанбул. Превод: Стојановски, А. *Македонија под турска власт*. Скопје, 2006: 317.

[40] Поповски, В. „Деноминацијата на Македонија и Македонците во 1903 година“. *Гласник*, ИНИ 61/1.Скопје, 2017: 149 - 158.

и европските заинтересирани сили. Русија барала наместо Македонија да се употребуваат називите на трите вилаети (солунски, битолски и скопски), а наместо Македонци да се употребува „жители на трите вилаети“.[41]

Толку многу пречело името Македонија што Османлиите барале да се фалсификува Библијата, па од Американското библиско друштво во Солун побарале една небулозна промена - во преводот на Новиот завет името Македонија, што се споменува во Посланието на апостолот Павле до солуњаните, да биде заменето со современото име - Солунски Вилает.[42] Тоа значело интервенција во делот на Првото послание до солуњаните: „1, 7: 7 така што станавте образец за сите верници во Македонија и Ахаја; 1, 8: „Зашто од вас одекна словото Господово не само во Македонија и Ахаја; 4, 10: „бидејќи така и постапувате со сите браќа по цела Македонија. И ве поттикнуваме, браќа, уште повеќе да напредувате.“[43]

Името го нема и во тајните договори на балканските држави за поделба на Македонија меѓу Србија и Бугарија од 29.2.1912 година, Договорот за сојузништво на Србија со Грција од 19.5.1913 година, ниту „Македонија“ и „Македонците“ фигурираат во Букурешкиот мировен договор. За стравот од името Македонија и Македонци сведочи и Извештајот на Карнегиевата комисија. Во него, меѓу останатото, се констатира: „Сега кога Македонија беше на позиција да биде ослободена, сè е направено да се заштитат **Македонците** самите од себе за да немаат никаков директен удел во работатата на ослободувањето... Стравот од вистинското ослободување на **македонската нација** донесе освојување од спротивставените страни...“[44]

Откако е поделена територијата на Македонија, новите „ослободители“ на Македонија го забранија јазикот на народот, му ги менуваа имињата и презимињата на народот, ги променија топонимите и започнаа принудните миграции сè со цел трајно да се промени етничката слика на

---

[41] Поповски, В. „Деноминацијата на Македонија и Македонците во 1903 година“. *Гласник* 61/1. ИНИ. Скопје, 2017.

[42] За ова известувал њујоршкиот магазин: „Turk as the critic of the Bible“. *The Sun New York*, 16. June 1903; Неделник *Глобус* бр. 101 од 24.3.2009: 28.

[43] Извадоци од Новиот завет од изборот на Проева, Н. *Триптих за македонскиот идентитет*. Скопје, 2018: 24-25.

[44] „Report of the international Commission To Incure into the Causes and Conduct of the Balkan Wars“. *Carnegie Endowment for International Peace, Division of Intercourse and Education: Publication*, N0 4. Washington DC, 1914: 59; Стојчев В. - Стојчев, А. *Букурешкиот договор и поделбата на Македонија во 1913 година*. ИНИ. Скопје, 2013: 549.

Македонија, забрането е спомнувањето на името на македонскиот народ, забрането е да се прославуваат традиционални празници и обичаи за Македонците итн. Ваквата политика била сесрдно поттикнувана од Велика Британија, па во периодот меѓу двете светски војни ја презела улогата од веќе уништените две царства, Австро-Унгарија и Русија, во зачувувањето на постоечката статус-кво состојба, но овојпат со цел за зачувување на новите граници на Балканот воспоставени со Букурешкиот, а потврдени со Версајскиот мировен договор. Така, во 1934 год., британскиот висок дипломат А. Балфур, во името на британскиот крал дава показатели за дејствување на британските амбасадори во овие држави во таа насока: „Навистина, штом ќе се дозволи дури само претпоставка за постоење **македонска националност**, постои опасност дека целата мировна спогодба ќе биде ставена под закана, со тоа што ќе се оспорат, не само границите меѓу Југославија и Грција и меѓу Југославија и Албанија...“[45]

Сепак, стратешките интереси на Големите Сили не давале секогаш резултати во нивна полза. Македонците во огновите и виорите на Втората светска војна, низ Народноослободителна војна се изборија за својата национална слобода 1944 година, со што ги остварија соништа на многу генерации македонски дејци и револуционери.

Примерот со Македонците е најсветлиот пример дека постоењето на еден народ ниту може да се измисли со некаква персонална или државна одлука, ниту пак може да се укине со истите мерки. Народот постои затоа што поседува колективна меморија за себе и за своето идентитетско име. Тоа колективно и поединечно чувство го развиле неговите припадници и е неуништиво.

За волја на вистината, до 1944 година постоеше една голема светска сила која во ниту еден момент не го оспорувала ниту името на Македонците, ниту нивниот јазик, ниту нивната држава, а тоа се Соединетите Американски Држави.

Иако во првата половина на XX век до 1944 година САД немале некои свои поголеми стратешки интереси со Македонија, односот на таа држава кон правата и слободите на народите најпозитивно влијаеле и врз правата и слободите на Македонците, како на оние кои живееле во рамките на САД така и во нејзината надворешна политика. Разгледувањето на иницијативата од

[45] Џинго, Т. *Велика Британија и Балканот (1919 - 1941)*. Арс студио. Скопје, 2016: 64.

одредени македонски интелектуални кругови за можноста за создавање една македонска држава уште по завршетокот на Првата светска војна под покровителство на САД, од страна на високи дипломатски кругови на оваа држава и Повелбта за народите на тогашниот американски претседател Вудро Вилсон, претставуваат светла точка во американско-македонските односи. Евидентирањето на македонските имигранти уште од крајот на XIX век, според нивното изјаснување како Македонци во званичните документи на САД и признавањето на постоење на македонски јазик уште од 1911 год. во Енциклопедијата на имигрантите во САД, ја докажува слободата на новодоселените жители на САД, но и силниот демократски капацитет во тој период, кога во светот таквите процеси сè уште биле недостижни, а во некои европски држави дури ни денес. Поддршката и симпатиите на САД за македонската антифашистичка армија во Втората Светска војна и формирањето на македонската држава во рамките на Југословенската Федерација 1944 година, го потврдуваат континуитетот на позитивниот став до периодот кој се обработува во оваа книга.

Еден од најпознатите американски Македонци, Стојан Христов (1898 - 1996), од физички работник до сенатор, од прогонет Македонец по Илинденското востание до академик на МАНУ, човек роден во османлиска Македонија кој ја дочека и независна Република Македонија по 93 години, претставува симбол на успешна приказна на американските Македонци и симбол на неверојатните можности кои ги нуди американското општество. Човекот со неверојатна животна приказна, не познавајќи ги новите теории за нацијата, во краткиот предговор на книгата *Мојот американски аџилак* (1953)[46] раскажува за феноменот на Македонците во Америка, и тука, како жив сведок на трансформацијата на еден народ во нација, на сликовит начин ги потврдува горенаведените тези на модернизмот за народот и нацијата: „Кога луѓето од овие страни емигрираа во Новиот Свет и тие имаа родна земја, но немаа држава; тие имаа мајчин јазик, но немаа литературен јазик; тие имаа народни песни и приказни, но немаа поезија ниту проза. Пред да го минат огромниот океан за да се сретнат со еден нов и непознат свет, некои од нив се бореле да ги спечалат сите овие работи.

Вие што останавте дома, и вие што се родивте по нив, ја продолживте таа борба. И сега нивната родна земја стана држава, нивниот мајчин јазик

[46] Христов, С. *Мојот американски аџилак*. Кочо Рацин. Скопје, 1953: 5-6.

официјален јазик, а врз основа на народните песни и приказни се изгради силна родна литература и култура...

Што се однесува до мене, како одбележувач на овие македонски имигранти, тешко ми е да ги опишам моите чувства, мојата возбуда, гледајќи ги моите сопствени творби во други зборови, преведени во зборови на мојот мајчин јазик.“

Стојан Христов, всушност, во неговиот предговор и темата на неговиот роман, меѓу другото, сведочи за моќта на колективната меморија на Македонците која ги одржала низ столетијата како посебен идентитет и име.

КОЛЕКТИВНАТА МЕМОРИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ

„Кога ќе го видиш начинот на играта на еден народ,
му го откриваш карактерот“ - Конфучие

Колективната меморија претставува сврзно ткиво на многуте генерации низ историјата на еден народ и е клучна за неговиот опстанок. Сè додека постои еден народ постои и колективната меморија, но и народ без колективна меморија не опстојува. Колективната меморија е нарескинливата нитка која го поврзува колективниот бит на еден народ низ вековите и милениумите, таа е нематеријален код на народната свест која народот го пренесува во својата свест низ времето, за што користи најразлични медиуми кои му стоеле на располагање низ историјата.

Колективната меморија ја среќавме како запис во печатените изданија, записите со мастило на маргините од црковните книги, текстовите на камен врежани со остар предмет, дрвото и фрескоживописаните ѕидови на црквите, па сè до печатените книги, на современите графити и електронските записи. Колективната меморија е комплексна појава и таа не е поврзана само за пишаниот збор, туку и со усната историја. Низ историјата колективната меморија повеќе е врзана за културата на живеењето и голем дел од неа спаѓа во нематеријалното културно наследство. Културата на живеењето е нешто што тешко се брише. Таа само има своја еволуција и приспобување кон различни околности. Таа е врежана со непишани кодови во менталитетот на народот. Културата на еден народ, всушност, е идентитетот. Така, колективната меморија е вткаена во народната песна (регистрирани преку 40 000 народни песни до 1944 година). Кочо Рацин за македонската песна ќе напише

дека за Македонија е „нејзина молитва, огледало на нејзината душа и нејзина воздишка.“[47] Колективната меморија е присутна во народните преданијата и расказите (преку 10 000 регистрирани раскази), гатанките, мудростите, во народните прераскажувачи и препејувчи, начинот на којшто реагира еден народ врз одредени појави и процеси. Кај Македонците народната песна не само што е врежана како на музикален народ туку се чини дека не постои народ на светот кој во толку песни ја опеал својата татковина Македонија и нејзината историја; тукуречи, да не постои јунак дури и предавник, но и битки и други историски настани кои не се опеани со речиси непогрешлива точност, произлезена од сведоци на времето и народната колективна интуиција и меморија, а проверени и потврдени од науката. За тоа сведочи уште и непосредниот сведок, англискиот хуманист и мисионер Хенри Ноел Брејлсфорд, кој пред Илинденското востание запишал: „Тие се народ врзан за почвата, вкостени во своите села со ограничен опсег на чувства кои побожно се вртат околу нивните планини, нивните реки и нивните древни цркви. Нација на селани што тргнува со вакви конзервативни одлики бргу ќе развие вистински патриотизам... Нивните балади за бунт во кои зборот ’Македонија‘ се јавува во секој рефрен докажуваат дека тие имаат татковина.“[48] Ако за еден јунак, каков што беше Гоце Делчев, еден народ испеал стотици народни песни, тогаш тој јунак сигурно му припаѓа нему. Во сите тие песни Гоце и другите јунаци се пее дека „животот го даде за Македонија“. Според тоа, во песните, народот ја запишувал и својата историја. Во недостаток на државни архиви, народот во својата колективна меморија успеал да зачува спомени за историски личности илјадници години наназад, а за јунаците од илинденската епопеја, но и за македонските партизни, во песните слушаме неверојатни детали кои и научно се потврдени.

Колективната меморија ја има и во верувувања, обичаите, суеверијата, народната носија, народната архитектура, дури и во специфичностите на народната храна, народното здравство, народната фармакопеја итн.

Во граничните предели со другите народи овие културни појави се преплетуваат и со векови вршат одредени меѓусебни влијанија. Долговековниот соживот на два или повеќе народи на исто место, исто така, поминува процес на меѓусебно влијание. Модерното време ги забрзува процесите на

[47] Рацин, К. *Стихови и проза* (ур. д-р Алаксандар Спасов). Скопје, 1977: 137.

[48] Брејлсфорд, Н. Х. *Македонија, нејзините народи и иднина*. Скопје, 2003: 184.

изедначување на нијансите, не само на регионално туку многу повеќе на глобално ниво.

Колективната меморија е и во пишаниот збор, но и во насликаните фрески и икони. Преку нив народот го слави Бога, светците, но и словенските и македонските просветители. Сепак, и покрај вековните влијанија, секој народ носи со себе и зачувува илјадници нијанси на посебното. Народните преданија, песни и мудрости, кои се пренесувале усно од генерација на генерација се заслужни за автентичниот македонски јазик. Македонија со векови била лулка на пишаниот збор и еден од позначајните центри на средновековната црковна уметност. Оттаму, пишаниот збор низ вековите ни докажува дека денешниот македонски јазик е истиот и на најстарозачуваните пишани песни запишани пред 500 години во Костурско, коишто се чуваат во Ватикан, но и сите други зачувни песни, раскази и други записи на народен јазик ни говорат дека се идентични со денешниот литературен, односно стандарден македонски јазик. Македонскиот литертурен јазик е најприродниот јазик кој се темели и почива на обичниот народен јазик на Македонците кој го зборувале со векови. Блаже Конески и неговата генерација кои работеле на македонскиот литературен јазик немале никаква потреба да позајмуваат нешто од другите јазици. Тие само го слушале и читале јазикот на своите предци.

Заштитниот ѕид на последниот бедем на македонската колективна меморија бил куќниот праг. Низ друмовите, улиците, сокачињата, пазарите, панаѓурите, чаршиите, локалните и државните управи и канцеларии, училиштата и црквите, вееле многу ветришта од сите четири страни и биле секојдневно изложени на туѓи влијанија. Затоа колективната меморија на народот била со векови најзаштитена покрај семејните огништа. Додека домаќинот на куќата со векови бил задолжен да обезбеди материјални средства за живот надвор од куќата, на нивата, на лозјето, во чаршијата, на тезгата, во занаетчиските или трговските дуќани, домаќинката - мајката, го одржувала домот и децата, развивајќи во таа микросредина едно цело мало стопанство во кое се произведувало, храна, облека, покуќнина и што уште не. Додека домаќинот бил во чаршијата, каде што се мешале различни култури и политички влијанија, домаќинката негувала сè што е традиционално, пренесувала од колено на колено на идните поколенија - јазик, обичаи, верувања. Куќата претставувала мал идентитетски бедем во кој надворешните влијанија се прифаќале спонтано и селективно, онолку колку што било

доволно да не ја наруши идентитетската посебност, ненарушувајќи ги докрај ниту древниот јазик ниту древните традиции и воспитување. Денес, исто така, сме сведоци на тие нијанси. Кога шетаме по градовите низ соседните најблиски држави ја чувствуваме блискоста на балканскиот менталитет, во ресторaните, во маркетите, по патиштата и улиците. Но кога одиме на гости во некој дом ден, два или повеќе, и покрај силното влијание на глобализацијата преку повеќето медиуми, тогаш започнуваме вистински да ги увидуваме специфичните разлики во менталитетот на живеењето, она што колективната меморија го втиснало во нашето секојдневие.

Според Тодор Чепреганов,[49] колективната меморија во нашиот македонски контекст не може да се избрише и сосема е во право кога вели: „Сигурно не сме компјутери па да притиснеме *delete* и да го заборавиме сето она што се пренесува од генерација на генерација... Сите обиди тој континуитет да се прекине завршија со неупсех. Напротив, таквите обиди ја обновуваат и ја зацрвснуваат колективната меморија на македонскиот идентитет. Историски земено, како што видовме од примерите, речиси и не постои прекин во значењето на имињата Македонија и Македонци...“[50]

Сите цитирани извори во оваа книга - преку илјада на број - се записи и сведоштва од колективната меморија на народот со кои се докажува дека имињата Македонија и Македонци се нејзина есенцијална компонента. Македонската еманципација се „кристализира“ околу свеста дека народот во својата колективна меморија влече свои корени коишто се поврзани со народносното име на Филип и Александар, воедно и на јазикот на Кирил и Методиј, дека се наследници на две цивилизации кои настанале и се обединиле на ист простор кој се нарекува Македонија и дека себеси отсекогаш се нарекувале Македонци.

ЕТНИЧКОТО И ПОДАНИЧКО ИМЕ ВО ИСТОРИСКАТА ЛИТЕРАТУРА

(етноним и политоним)

Современата македонска нација, како што впрочем се и другите современи нации, е продукт на многувековни комплексни историски процеси, културни и етнички мешања, како и мноштво околности кои создале македонско национално сознание и создавањето на македонската држава.

[49] Чепреганов, Т. *Колективната меморија во македонскиот идентитет: Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010: 11-23.

[50] Истото, 23.

Името „Македонци“ опстојувало низ вековите, без оглед дали тоа име во историските извори се однесува на остатоците од древните Македонци, на македонските словенски племиња, нивната меѓусебна симбиоза, територијална припадност или на современата македонска народност во XIX и XX век. Во името се содржи целата суштина на постоењето.


Ако го прифатиме толкувањето за етносот дека се однесува на група луѓе со ист јазик, а ги врзува заедничкото потекло, заеднички обичаи што ги издвојува од другите групи или заедници, тогаш народносното име - етнонимот, претставувало заедничко име на препознавање за една поголема група луѓе - етнос или народ, со заеднички етнографски белези и истото име тој етнос го користел за себе, но и припадниците на другите народи го препознавале како такво. Низ историјата на човековото општество еден ист народ можел да има и две или повеќе имиња кои ги користел за себе или другите народи го препознавале со нивни автентични називи. Во овој труд ги пренесуваме сознанијата на македонската и светската наука кои се однесуваат на историските извори кои ја потврдуваат тезата дека етнонимот Македонци, и покрај силните влијанија за негово „бришење“, успеало да опстане, макар што во одредени периоди нитката на народносното именско обележување била многу тенка.

Од XV до XVIII век било присутно територијалното самосознание и отсуството за народносното самосознание. Така, не само што дошло до речиси целосно губење на народносното самосознание меѓу пошироките народни маси кај балканските народи туку кога започнала националната преродба кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век е создадена една т.н. балканска мешаница во која етнонимите повеќе се препознавале како социјални или религиозни термини, на пример: „Грк“ како „православен“ или „трговец“ или „граѓанин“, без оглед на неговото етничко потекло; „Влав“ како „сточар“ без оглед на неговото етничко потекло; „Бугарин“ како „Словен“ или „селанец“, исто така без оглед на етничката припадност и сл.

Сепак, како што се гледа и на табеларниот приказ подолу, етнонимите не биле сосема избришани од постојните извори. На неа можеме да забележиме како Македонците се запишувани во расположливите извори (документи, историски книги, хронологии, патописи, етнографски мапи и др.). Изземајќи ги термините кои означувале религиска или социјална идентификација, направивме обид за разграничување на поимите кога Македонците се забележани како **етноним,** и во истите периоди, со имињата кои ги добивале

како поданици на државите кои владееле со Македонија, односно како **политоним**. Ова разграничување го направивме за да се ослободиме, колку што е можно, од различните толкувања и мешање на овие две идентификации. Имено, токму злоупотребата и намерното мешање на народносното со поданичкото име на Македонците низ историјата е практика во некои балкански историографии, особено во современата бугарска историска наука, со цел се прикаже искривена слика која е потребна на експанзионистичката или негаторска политика. Во истата табела ги забележавме и термините кои настанале како последица на пропагандните активности на соседните држави во втората половина на XIX век и како такви се среќаваат во изворите.

Во табеларната колона, каде што е означен етнонимот, може да забележиме дека постои **речиси непрекинат континуитет на имињата Македонци и Словени во историските извори**. За разлика од него, во втората колона, каде што е поданичкото или административно име - политонимот, го гледаме дисконтинуитетот на името Македонци, најмногу заради дисконтинуитетот и отсутноста на македонската држава. Така, ова име фигурира само при постоење македонска држава.


Sanitäts Persona

Für Anastas K: Michail

Character

Alter

Religion

Stand

Wohnort Cronstadt

Land

Kleidung

Derselbe ist

am 22 ten April 1835 in die

in der 2 ten Periode vorgeschrieben

Санитетски лист за лица кои влегуваат во Хабзбуршката Монархија преку преминот на реката Дунав кај градот Земун. На овој извадок се гледа дека на 22.4.1835 година е заведен патникот Анастас К. Михаил, којшто пишува дека доаѓа од: „Сер во Македонија (Seres in Macedonien).“

Во илјадагодишното постоење на византиската држава биле создадени најголемиот број записи кои денес се значајни извори на балканската, европската и светската историска наука. Во тие документи, византиската администрација, народите кои живееле на просторот од таа империја, како и на просторите од другите средновековни држави, ги именувала според државите, односно со поданичко име. Имено, Римската Империја, Византија, средновековната бугарска и српска држава, како и

Османлиската Империја претставувале како територијални, а не етнички држави. Според Хобсбаум: „Во минатото, културите и политичките единици обично не се совпаѓале“ - мислејќи, пред сè, на феудалните држави кои биле територијални и „имало добри причини поради кои во голем број случаи не успевале да се совпаднат. Нивните владетели го граделе својот идентитет така што се диференцирале озгора надолу, а владеените микрозаедници латерално се диференцирале од соседите групирани во слични заедници.“[51] Со други зборови, не смееме античките и средновековните народи да ги поистоветуваме со тогашните истоимени држави во целост.

Македонските Словени во изворите низ вековите се именувале најпрвин како Словени/Склавини/Славени, потоа како Ромеи, па Бугари и Срби, во зависност од тоа под чија власт се наоѓале. Поради тоа, историчарот доколку не ги разграничува поданичките имиња - *политонимите* од народносните - *етнонимите*, лесно може да западне во терминолошка замка.

Во времето на османлиското владеење слободно може да кажеме дека сфаќањата и чувствата на обичните луѓе на Балканот за нивнта народносна припадност биле мошне различни од ова што го подразбираме сега. Масите, пред сè, знаеле за себе дека се христијани, и во тој поглед се правеле малку разлики меѓу нив; преовладувала христијанската припадност и солидарност. Оттаму и учеството и присуството на различни народи, односно нивни припадници во востанијата на соседните балканските народи. Како продукт на таквите сфаќања во изворите среќаваме географски изместени етноними. Како што некои луѓе од Македонија сметале дека се Бугари, Срби или Грци така и некои луѓе од Бугарија, Црна Гора и Грција сметале дека се Македонци итн., за што ќе стане збор понатаму во книгава. Но во периодот на османлиското владеење голем број од македонското христијанско население се иселува во европските христијански држави. Нивната самоидентификација добива сосема различно означување. Ако во османлиското општествено уредување се препознавала и официјално се означувала само верската идентификација, населението кое емигрирало во Европа добило и територијална идентификација. Тамошните држави, воделе различни евиденции на доселените христијани. Уште при влезот на територијата од тие држави се барало од дојдените да се изјаснат кои се, од каде доаѓаат и други

[51] Хобсбаум, Е. *Нациите и национализмот*. Култура. Скопје: 72.

податоци. Слични евиденции се воделе и во населените места каде што продолжиле да живеат и работаат.

Значи, сакале или не, Македонците се идентификувале, ако не етнички тогаш територијално, па во таа смисла големиот број на досега познати извори ја потврдуваат присутноста на територијалната самоидентификација на Македонците уште од XV век.

Во средината на XIX век изворите укажуваат на постоење етно-историското самосознание на Македонците, кое до 1944 година официјално се заокружува во национална идентификација.

Во првата колона на прикажана табелата надолу, покрај етничкото име Македонци, може да ги проследиме и имињата на народите или племињата кои учествувале во античкиот македонски супстрат, словенскиот етнички супстрат и општиот - заеднички македонски супстрат. Покрај овие имиња, во табелата се присутни и други народносни имиња под влијание на соседните народи кои владееле со Македонија, а во XIX и првата половина на XX век повторно нагласуваме и имиња кои настанале како продукт на пропагандите на соседните балкански држави и нивното завладување со територијата на Македонија.

ХРОНОЛОШКИ ПРИКАЗ НА ИМЕНУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ КАКО ЕТНОНИМ И ПОЛИТОНИМ

ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД	**ЕТНОНИМИ со супстрати - односно имиња како Македонците сами се нарекувале или како ги нарекувале другите**	**ПОЛИТОНИМИ или политонимот според држва или провинција**
VIII век пр. н.е. - 168 год. пр. н.е.	**Македонци** *(Македонци, Пеонци, Илири, Бриги; Елимиоти, Линкестијци, Тракијци, Синти, Мигдонци, Ботиејци, Пиерци, Едонци, Одоманти, Бисалти, Епирци, Крестонци итн.)*	**Македонци**
168 год. пр. н.е. - ср. на VI век	**Македонци** **Ромеи**	**Ромеи** **Македонци**[52]
Средина на VI век - почеток X век	**Македонци** **Македонски склавинии –** **Словени (***Берзити, Драгувити, Смолјани, Езерци, Ринхини, Сагудати, Струмјани)* **Скити**	**Ромеи** **Македонци**[53]
Почеток на X век - 970 год.	**Македонци(?)** **Словени** *(Драгувити, Сагудати)* **Мизи**[54] **Скити**	**Ромеи**
970 год. - почеток на XIV век	**Македонци** *(Драгувити...)* **Словени** **Бугари**	**Ромеи** **Бугари**

[52] Жители на римска Провинција Македонија.

[53] Жители на римска Провинција Македонија.

[54] Според територијална припадност на Мизија, под која се подразбирал поширок простор од Балканот, кој во античкиот период бил населен од античкото тракиско племе Мези и опфаќал територија на запад до реките Дрина и Сава, на север до реката Дунав, на југ до Скопската Котлина и на исток до брегот на Црното Море, византиските автори под поимите Мизија и Мизи ги подразбирале сите народи кои живееле на таа територија, но најчесто се однесувало на Бугарите. Мизија во тоа време како геофрафски поим ја делеле на Горна и Долна Мизија, и таквата терминологја се користела сè до XIX век.

Почеток на XIV век - почеток на XV век	**Македонци** **Срби** **Словени**	**Срби** **Грци**
Почеток на XV век - крај на XVIII век	**Македонци** **Македонијани** **Македонијанци** **Румелијци** **Христијани (Рисјани)** **Словени** **Бугари** **Грци**	**(У)Рум милет (римски народ)** *(раја, ѓаури, христијани)*
Почеток на XIX век - 1912 год.	**Македонци** **Словени** **Македонски Словени** **Словеномакедонци** **Христијани (Рисјани)** **Нашинци** **Бугари** **Срби** **Грци**	**Рум милет** **Руми** **Христијани** **Бугари** **Грци** **Срби**
1912 - 1944 год.[55]	**Македонци** **Словени** **Македонски Словени** **Срби** **Бугари** **Грци**	**Југословени** **Срби** **Бугари** **Грци**
1944 - 1991 год.[56]	**Македонци (нација)**	**Југословени**
1991 - 2020 год.	**Македонци (нација)**	**Македонци**

За споредба презентираме и една табела на која хронолошки се поместени називите на бугарското население низ вековите, а кои се среќаваат во изворните документи и соодветната литература. И оваа табела, која најмногу се заснова на истражувањата од бугарските историчари, потврдува дека создавањето на современите народи и нации во својата историја поминуваат низ многу сложени процеси, влијанија и трансформации, сè до нивниот конечен облик. Медијавелистот Стојко Стојков ги потврдува

[55] Податоците се однесуваат за сите делови на Македонија.

[56] Податоците се однесуваат само за СР Македонија и СФР Југославија.

сознанијата на бугарската наука дека „уште од своето создавање во 681 год. Бугарското Канство претставувало хетерогена држава. Големото проширување во текот на IX век уште повеќе ја засилила етничката разновидност. Во почетокот на X век Бугарија опфаќала голема територија од Бесарабија до Јужна Албанија и од Срем до Црното Море, а на север од Дунав владееле опширни територии во Трансилванија, кои постепено ги губела во корист на Унгарците. На целиот овој голем простор живееле населенија кои зборувале различни јазици и имале различно потекло и етничка припадност. Дел од нив ни се познати - Бугарите, Словените, Власите, Сикулите и др. Иако претставувала етнички конгломерат, бугарската држава во текот на IX век се трансформирала во политички хомогена држава и затоа природно нејзините поданици доминантно биле именувани во изворите со единствен политоним - 'Бугари' или негов архаичен еквивалент."[57]

Уште во 1665 година англискиот патописец Џон Барбари забележал дека: „Населението во Бугарија доживеало многу промени, можеби најмногу од која било друга земја. Прво во Бугарија живееле Трибалите, втори биле Мизите, трети биле Даките, четврти биле Римјаните, а петти Готите, Словените биле шести, а Бугарите седми, Грците биле осми, а Турците деветти. Но и покрај тоа, оваа земја си го задржала името Бугарија, име кое доаѓа од народот Волгари. Стојков докажува дека на византиските автори од X век им било совршено јасно за етничката припадност на Бугарите и правеле јасна дистинкција од другите етноси кои живееле на тоа пространо царство. Имено, тие етничките Бугари во тоа време ги нарекувале како Скити, Мизи и Хуни,[58] иако термините „Скити" и „Мизи" биле многу неодредени поими.[59] Истражувајќи ги подетално византиските извори, споредувајќи ги со западните, еврејските, арапските, словенските и други извори, Стојков резимира дека тие меѓу себе малку се разликуваат, односно даваат „слични

[57] Стојков, С. „Бугарскиот етнос и мултиетничка Бугарија - константа и еволуција на сфаќањата во византиските извори во X век". *Гласник* ИНИ, 59 1-2. 2015: 63 - 85.

[58] Стојков, С. *Бугарскиот етнос...,* 66.

[59] Истото. „Скити е прилично широк поим кој се користи за широк круг народи со 'скитски' начин на живот, населени (или дојдени) од 'Скитија'". Обично така биле нарекувани: Хуни, Кутригури, Оногури, Утигури, Турки, Авари, Хазари, Бугари, Унгари, Печенеги, Узи, Кумани Селџуци, Монголи, Татари, Османлии (Glula Moracsik, Byzantinoturcica, II, Berlin, 1983, 279 - 283), но понекогаш се употребувал и за Словените (Geographi Graeci minores, Carolus Mullerius, vol. secundum, Parisiis, 1861, 574). Мизи, пак, е географски поим кој само ни покажува дека Бугарите се асоцирани со Мизија.

информации“ и под поимот Бугари во етничка смисла разбираат народ сроден на Аварите, Хазарите, Котрагите и Куманите, „а како еден од архаизмите за него употребуваат Хуни.“[60] Интересно од ова истражување е дека „под Словени во Бугарија во овие случаи не се мислело на Бугари и поимот Словен не е употребуван како друго име за бугарски етнос, како што понекогаш се претпоставува, и дека Словени и Бугари во византиски извори во X век се јавуваат како различни категории.“[61]

Со други зборови, под името на средновековни „Бугари“ се подразбираат повеќе етникуми кои од средновековните автори се наречени според името на истоименото помалкуброjно племе и неговата владеачка елита. Секој обид за докажување дека дошло до некоја етносимбиоза на сите тие етникуми во еден нов самосвесен средновековен бугарски народ не може да се докаже. Тоа што ги обединувало сите тие етникуми во средновековната бугарска држава е политонимот „Бугари“, кој бил употребуван од тогашните писатели, особено византиските. Ова правило важи и за другите политоними од средновековието како што се Срби, Ромеи, Германи, Франки итн.

Впрочем, и во античкиот период политонимот „Македонци“ обединувал голем број антички племиња кои од авторите се нарекувани така според владеачката структура на истоимениот антички народ.

[60] Истото, 68-69.

[61] Истото, 77.

ХРОНОЛОШКИ ПРИКАЗ НА ИМЕНУВАЊЕТО НА БУГАРСКО НАСЕЛЕНИЕ ВО МИЗИЈА И ТРАКИЈА[62] КАКО ЕТНОНИМ И ПОЛИТОНИМ (според бугарски и странски извори)

ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД	ЕТНОНИМИ (супстрати) - односно имиња како Бугарите самите се нарекувале или како ги нарекувале другите	ПОЛИТОНИМИ според држава или провинција
Средина на 2 милениум пр. н.е. - крај на I век.	Траки[63] (различни тракиски племиња)	Траки[64]
I век - средина на VII век	Словени, Траки, Готи, Мизи, Скити, малоазиски племиња[65]	Траки[66] Македонци[67] Ромеи
Средина VII век - почеток на X век	Бугари Словени Скити[68] Мизи[69] Хуни[70] (Хунобугари)[71]	Ромеи Бугари Македонци[72]
1001 год. - 1185 год.	Миксоварвари Власи Павликанци[73]	Ромеи Параистрионци[74] Македонци[75]
1185 год. - крај на XIV век	Бугари Власи Грци Македонци	Ромеи Бугари

[62] Кога станува збор за Мизија и Тракија, подразбираме територија источно од Видин и Сердика.

[63] Попов, Д. - Божилов, И. *Историја Бугарске*. Клио. Београд, 2008: 22.

[64] Станува збор за неколку трачки државни творби под различни имиња.

[65] Истото.

[66] Според римска провинција.

[67] Според римска провинција.

[68] Според Јован Каменијат од 904 год., Теодор Судит (759 - 826).

[69] Според Лав Ѓакон и др. (*ГИБИ*, том 5: 247-249).

[70] Според Христијан Дуртмар, *ЛИБИ*, 2. София, 1960: 118. и др.

[71] Костов, Г. „Кн Кубрат- създател на Магна Булгария и тайната история на Украина“. *Български векове*, 1. 1999: 72; Миновски, М. *Македонија и Бугарија историски соочувања*. Скопје, 2008: 50.

[72] Како жители на византиската тема Македонија.

[73] Религиска идентификација.

[74] Жители на византиската Тема Параистрион. Според Јован Зонара и др. (ГИБИ, том 7, 198).

[75] Жители на византиската Тема Македонија.

Почеток XV век - крај на XVIII век	**Бугари** **Румелијци** **Христијани (рисјани)** **Словени** **Грци** **Македонци** **Срби** **Илири[76] (словенски народ)**	**(У)Рум милет (римски народ)** *(раја, ѓаури, христијани)*
1800 - 1878 год.	**Бугари** **Бугарски Словени** **Елини[77]** **Романци** **Срби** **Македонци[78]** **Словени** **Христијани (рисјани)** **Шопи[79]** **Татари[80]**	**Рум милет** **Христијани Бугари**
1878 - 2020 год.	**Бугари (нација)**	**Бугари**

Во прикажаните табели коишто можат да се дополнуваат и коригираат се гледа дека населението во денешна Македонија и Бугарија трпело големи промени како на етничка така и на именска основа. Меѓутоа, од нив се воочува разлика во етносупстратите и именувањето на населенијата на двете територии низ вековите. Оттаму и разликите во гледиштата кои се појавиле меѓу македонските и бугарските интелектуалци и преродбеници во XIX век за кои дознаваме првенствено од бугарските списанија, за кои, пак, обрнуваме внимание во посебен поднаслов од книгава.

[76] Според Солвио Пиколомини, Петар Охмучевиќ и Вранчиќ (Матковски, А. *Грбовите на Македонија*. Мисла. Скопје, 1991).

[77] Според патописецот Адам Нид во 1805 год. во градот Разград, англискиот патописец Џон Галт во 1811 во Софија и Пловдив.

[78] Ристовски, Б. „Јасно слонце от вастока исходит". *Македонско време*. Скопје, септември 1997: 6-8; истото, „Да востанат сите Македонијанци против непријателот". *Македонско време*. Скопје, октомври 1997: 15-18.

[79] Македонците во првата половина на XIX век Бугарите ги нарекувале Шопи.

[80] Истото.

Во поново време, меѓу бугарските историчари се појавуваат различни и нови тези за потеклото на Прабугарите: Турани,[81] Туркомонголи,[82] Турки (Туркобугари),[83] Индоиранци,[84] Иранци,[85] Протобугари (Купи-Булгар, Дучи-Булгар, Олхонтор-Блкар и Чадр-Болкар),[86] Памирци (Хиндуш)[87] итн. Меѓу поновите гледишта (2004) на некои бугарски научници е дека Прабугарите „се еден од многубројните народи на турко-алтајската етнолингвистичка заедница, кон којашто припаѓале Хуните, Аварите, Хазарите, Печенеџите, Куманите, Узите и др.[88] Многу повеќе за новите сознанија во бугарската наука околу етнокултурната состојба има во поголем број научни трудови кај колегите од Бугарија. Според тие нови гледишта, во најмала рака, етнокултурната ситуација на Балканот до појавата на Аспаруховата Бугарија, онаква каква што се препознаваше во бугарската историографија во XX век, е ставена под прашање.[89] Сите овие тези на бугарските научници ги потврдуваат сознанијата на македонската наука за суштинските разлики во етногенезата на двата современи народи.

Државите во антиката и во средниот век на Балканот не биле етнички, а нивните елити биле обично мултиетнички. Именувањето на идентитетите за кои знаеме во средниот век се однесуваат на именувањето на тогашните политички елити. Самосознание меѓу обичните луѓе за народна припадност не е докажана, освен за нивната родовска/племенска, религиска и поданичка припадност кон господарот.

Со оглед на тоа дека во светската историографија не постојат докази за некаков етносупстрат, односно етничко мешање настанат во средниот век

---

[81] Според Иван Дујчев.

[82] Патар Мутавџиев во книгата *Историја на бугарскиот народ*, (БАН, Софија, 1992 год., 88.), Бугарите припаѓаат на турко-монголските народи. Идентични научни ставови се објавени и во изданието на БАН *Етнографија на Бугарија* (том 1, Софија, 1980: 176).

[83] Истото. Според Костов, Турко-Бугари е најприфтливо именувње во бугарскта наука.

[84] Истото

[85] Според Божидар Димитров.

[86] Златарски, В. *История на Българската държава през средните векове*, том I. София, 1971: 153.

[87] Добрев, П. „Произходът, прародината на древните Българи в светлината на комплексните данни“. *Български векове*, 1. София, 1999: 36-37.

[88] Иван Лазаров, Иван Тютюнджиев, Пламен Павлов, Милко Палангурски, Кратка история на българския народ, Ровита, Велико Търново, 2004, 8.

[89] Трайкова, В. *Към проблема за националните идентичности (с особен поглед към българи и Гърци): Опит за преосмисяне*. Институт за исторически изследвания при БАН. София, 8. Доклад.

меѓу т.н македонски Словени и Прабугарите, од денешна гледна точка приврзаниците на примордијалистичката теорија можат да се потпрат само на заедничкото словенско потекло на населението во Бугарија и Македонија, но не и на заедничкото бугарско потекло. Политонимот или поданичкото име „Бугари“ не само што во никој случај не смее да се земе предвид како етничка припадност за народите на Балканот туку може и понатаму да создава забуни (повеќе намерни од ненамерни) кога населението на денешна Бугарија и на денешна Македонија било обележувано и со други вековни или повеќевековни политонимни ознаки како што биле „Ромеи“, „Срби“, подоцна за врме на османлиското влијание сите со називот Рум милет итн.

Во периодот на новиот век (од XV до XIX век) изворите за етнографијата можат уште повеќе да создадат проблеми на примордијалистите, со оглед на тоа што авторите од тој период етникумите ги именувале според гледиштата на политиката која ја застапувале државите каде што тие твореле, како што впрочем тоа се случувало и во средниот век. Доволно е да го наведеме примерот на западните извори и литературата во периодот од XV до почетокот на XIX век, каде што Словените се нарекувани со заедничко име „Илири“, Србите во истите извори се среќаваат како „Трибали“, а неретко во Европа сите жители на Балканот под османлиска управа биле нарекувани само со нивната религиска припадност со имињата „христијани“ и „„Грци“, додека голем дел од грчкото население во тој период за себе сметале дека се Ромеи итн.

Ако се потпираме на постарите сфаќања (примордијалистичка позиција) за етногенезата, тогаш населението од Македонија потекнува од Македонци и Словени, а нивното доминантно заедничко име низ историјата било „Македонци“, додека населението во денешна Мизија и Тракија според сознанијата на бугарската наука потекнува од Тракијците, Словените и Бугарите, а го задржале името на последните.

Оваа примордијалистичката позиција, која сè уште е присутна во одредени научни кругови на Балканот, сè повеќе се напушта па и во Бугарија. Бугарската историчарка Весела Трајкова од Институтот за историски истражувања при Бугарската академија на науките за ова прашање вели: „Се покажа дека спознанието на историското минато, не само на нашиот народ,[90] но и воошто во целиот ареал, вклучително и југоисточниот дел од Европа и

[90] Се мисли на бугарскиот народ.

Мала Азија со источното и јужното црноморско крајбрежје, е во голем степен погрешно поставено врз неточна основа.“[91]

Ако погледнеме на прашањето во однос на модерните политички нации, во рамките на модерните теории за етницитетот или т.н. конструктивизам - двете нации, македонската и бугарската, се изградиле во модерно време, задржувајќи ги традиционалните имиња од стари државни традиции на Балканот кои доминирале во нивната колективна меморија, територијалното самосознание и првите појави на пишани етноисториски самосознанија на нивните преордбеници во XIX век.[92]

[91] Трајкова, В. *Към проблема* ... : 1.

[92] Во оваа прилика да ги споменеме како пример и жителите на денешна Грција кои со векови низ пишаните извори ги среќаваме како Пелазги и различни староантички племиња: Бриги, Траки, Илири, Македонци и низа антички племиња кои заземале микротеритории. За време на Византиското Царство територијата на Грција, освен староседелците, ја населувале и разни други племиња од исток и север и завојувачи од запад. Пишаните извори укажуваат на едно словенизирање на тој простор. За време на османлиското владеење изворите докажуваат дека во денешна Грција, покрај новите завојувачи и Хелените, живееле Словени, Власи, Албанци и други народи. Според тоа, мешањето на различните народи и култури на Балканот низ вековите и милениумите претставувал непрекинат процес. Жителите на денешна Србија, исто така, низ вековите биле од различни ентитети и со различни имиња на едни исти жители во зависност од периодите и во зависност од изворите кои ги користиме. Од антиката до денес на таа територија среќаваме имиња како Илири, Дарданци, Траки, Скити, Мизи, Трибали, Венди, Словени, Срби, Рашани, Бугари, Дукљани, Албанци итн.

I ДЕЛ



КОРЕНИТЕ НА СЛАВНОТО ИМЕ

(од VIII век пр. н.е. од VI век од н.е.)

ИМЕТО „МАКЕДОНЦИ“ ВО АНТИЧКИОТ ПЕРИОД

Пред да се зафатиме со темата на името на античките Македонци, накусо да се потсетиме на ставовите во современата наука за потеклото на античките народи. Тврдите ставови за потеклото на современите нации кои се поврзувале со античките и средновековни народи, коишто потекнуваат од теоретичарите од XIX век, полека, можеби најбавно од сите на Балканот, се напуштаат кон крајот на XX век. Новата теорија ја прифаќа тезата дека имињата на античките народи се всушност повеќе прифатени култури од страна на етничките заедници во одреден период и се прави голема грешка кај одредени идеолошки наративи кои свесно ги мешаат или налепуваат имињата, местата и народите од еден период на некој друг период и посебно кога се врзуваат за денешно време, односно главниот методолошки проблем е во тоа што не може „прецизно да се дефинира етничката припадност во антиката“ и дека „не може да се воспостави чиста и директна врска меѓу античкиот народ - било да се тоа Хелени, Тракијци, Илири или Македонци - и современите балкански нации.“[93]

Најприфатливото значење на зборот Македонија[94] е дека станува збор за старобалканско име „во кое може да се препознае бригискиот збор за *земја*.“[95] Името Македонија, како и за другите антички народи, во античките извори се објаснува со мотиви за епонимниот предок Македон.[96] Според проучувањата на проф. д-р Наде Проева, Македонците претставуваат еден од најстарите народи на Баланот и според одредени извори „единствен народ што живеел меѓу балканските и малоазиските Мизи“, а тој податок се однесува на времето од крајот на III милениум пр. н.е. Според тоа, Проева констатира дека тоа им противречи на тезите за божемното доаѓање и населување на Македонците во Македонија во VIII, а според некои дури по VI век пр. н.е.[97]

---

[93] Саракински, В. *Македонците меѓу барбарството и хеленството: Прилози за историјата на Македонија и македонската култура*. МАНУ. Скопје, 2021: 79.

[94] Таков е митот напишан од хеленскиот поет Хесиод, според кој Прометеј и неговата жена Пира имале многу деца. Нивниот прв син Дефкалион имал ќерка, која „од Зевс, молнољубец, роди синови два Магнет и Македон.“ И византискиот император Константин Порфирогенит (913 - 953), кој воедно бил и значаен писател и историчар напишал дека „Земјата Македонија е наречена според Македон, синот на Зевс и Тија, ќерката на Девкалион“. Опширно за овие митови Проева, Н. „Религијата на античките Македонци“. *Bibliotheca Historia Antiqua Macedonica*, no 11. Скопје, 2014.

[95] Проева, Н. *Историја на Аргеадите*. Графотисок. Скопје, 2004: 24.

[96] Истото, 72.

[97] Истото, 25 - 26.

Сепак, кога станува збор за етничката припадност на античките Македонци, постојат спротивставени мислења, и тоа поради „недостатокот на изворите со кои се располагало во минатото, методите што се користеле при изучувањето, и се чини, најмногу од сè, политичката конотација која непотребно му се придава на ова прашање.[98] Некои од современите научници сметаат дека името на земјата потекнува од народот Македонци и секаде каде што се населувале, па дури и освојувале територија, го добивала нивното име, односно името Македонци најпрво било етничко, а потоа станало и географско-историски поим. Според Јуџин Борза, основното етничко јадро било востановено во раното железно време (околу 1050 - 650 пр. н.е.), а тоа го потврдуваат неколку значајни археолошки локалитети.[99] Ако за претходниот период науката не може со сигурност да потврди,[100] од името Македонија за држава и паралелно името Македонци за народ на таа држава започнало во континуитет да се употребува од VIII/VII век пр. н.е.[101]

Така, според Тукидит: „Кон родот на Македонците припаѓаат исто така и Линкестидите и Елимејците и другите народи од повисоката област,[102] кои како во сојуз со поблиските Македонци и потчинети на нив имале сопствени кралеви... Овие Македонци, исто така, се сториле себеси господари на одредени места кои сè уште ги контролираат, сопственост на други народи, имено на Антем, Грестонија (Крестонија), Бисалтија и голем дел од самата Македонија...[103]

Страбон наведува дека „Орестите, Пелагонците и Елимиотите биле дел од Македонија“,[104] но според овој автор Македонија се протегала и на територииите во кои живееле Одомантите, Едоните, Мигдонците, Ситонците и Бисалтите.[105] Освен територијата, блиската племенска поврзаност, според Страбон, сите овие племиња ги обединувал заедничкиот епоним Македон: „Тоа кое денес се нарекува Македонија некогаш се нарекувало Ематија, а

[98] Истото, 65.

[99] Борза, Ј. Н. *Во сенката на Олимп, појавата на Македон*. Патрија. Скопје, 2004: 81.

[100] Истото, 86 -88.

[101] Проева, Н. *Студии за античките Македонци*. Скопје, 1997: 33 - 39.

[102] „Повисоката“ област се однесува на Горна Македонија.

[103] Thukydides, The Peloponnesien War, Oxford World's classics, 127; Dimitrioski, T. „Македонците не се една, туку голем број етнички заедници, кои се идентификувале како Македонци“. *Пелагон*, 18. Септември, 2021 www.pelagon.mk; Шеј, Џ. *Македонија и Грција, битката за дефинирање нова балканска нација*. Макавеј. Скопје, 2002: 53

[104] Страбон, *Географија*, книга 9, глава 5, 11.

[105] Страбон, книга 7, фрагменти, 36.

денешното име го добила од Македон, еден од нивните древни водачи..[106] Епонимот Македон, како и другите епоними биле заеднички за сите споменати македонски етнички заедници, но и на Бригијците, Пиеријците, Меонците, Еордејците, Алмопијците, Амфакситидците, Енхилејците - Десаретите и др.[107] Според овие извори, станува збор за еден античко-македонски етносупстрат. Голем дел од некогашната пајонска држава која се протегала од југ до устието на Вардар, па сè до Грделичката Клисура на север, постепено станувал дел од македонската држава, иако Пајонците се сметале за племе со различно потекло од македонските племиња. Во времето на Филип II како интегрален дел на античка Македонија се смета и територијата на која живееле Пајонците, иако тие успеале да се одржат со своите кнезови сè до потпаѓањето под македонска власт во времето на Филип V (221 - 250), а нејзиниот северен дел под Дарданија.[108]

Професорот од австралискиот Универзитет „Викторија“, Џ. Р. Елис, авторот на книгата *Македонскиот империјализам*, тврди дека Македонците уште пред да се населат на територијата од нивната идна татковина си го имале своето име Македонци.[109] Како што се зголемувала македонската држава, сè повеќе во нејзината проширена територија се зголемувал и бројот на потчинетите народи. Некои од нив се претопиле во Македонци, а други македонското име го прифатиле само како поданичко и како такви ги зачувале своите етнички посебности во однос на Македонците сè до крајот на постоењето на македонската држава.

Австралискиот професор Џон Шеј смета дека „без оглед на етничкиот и јазичниот карактер на малата група на оргиналните Македонци, постоела сложена мешавина од народи во времето на подемот на Македонија.“[110] Американскиот историчар Јуџин Борза смета дека Македонците биле посебен народ: „Македонците можеби биле или можеби не биле поврзани со другите етнички групи, какви што се Грците кои живееле на југот. Останува јасно дека нивните монарси и барони биле во многу нешта хеленизирани, тие го оставиле

[106] Страбон, книга 7, фрагменти, 11.

[107] Проева, Н. *Студии за античките Македонци: Historia antiqua Macedonica*. Скопје, 2004: 87.

[108] Петрова, Е. „Peonia in the 2nd and the 1st millenia BC“. *Editio Monumenta Macedoniae*, 3. Skopje, 1999.

[109] Елис, Џ. Р. *Македонскиот империјализам*. Мисла, 1988: 44.

[110] Истото.

својот белег во антиката како Македонци, а не како племе на некој друг народ.“[111]

Општо прифатено во светската историографска наука е дека грчките градови полиси, односно сите „Хелени“ ги поврзувала една култура. Меѓутоа, кога станува збор за Македонците, Хелените најчесто ги нарекувале варвари, односно „барбарои“, што значело „странец“. Всушност, употребата на овој збор за Македонците најилустративно го покажува меѓусебниот однос и гледиштето на Хелените кон нивните северни соседи - Македонците. Како за пример, никогаш Атињаните не употрбувале израз „варвари“, односно странци за Тесалијците, Тебанците или Спартанците.

Демостеновите говори против Филип и Македонците најдобро го отсликуваат ставот на Хелените кон Македонците. Тука издвојуваме некои фрагменти:

„Навистина, Филип се нарекува хеленофил, пријател на Грција... Тоа е повеќе од лага. Кралот не може да биде хеленофил поради неговото варварско потекло. Тој не е Хелен и на ниту еден начин не е поврзан со Хелените. Тој не е дури ниту странец со пристојно потекло. Тој е едноставно мизерен **Македон**, а во Македонија, како што сите знаеме, не може да се купи дури ни пристоен роб.“[112]

„Ех! Што би можело да има поново од ова, еден **Македонец** кој ги напаѓа Атињаните и како господар ги уредува работите во Грција?“[113]

Но и изјавите на оние Хелени кои го подржувале Филип одат во прилог на нивното генерално гледиште за Македонците. Така, советникот на Филип, Исократ, којшто македонскиот крал го слави како Грк, потомок на Хераклe, околу државничките планови на кралот за панхеленскиот сојуз го советувал со славната реченица: „Велам дека треба да бидеш добротвор на Грците, крал на **Македонците**, господар на најголемиот можен број варвари.“[114]

Оваа изјава на компромис меѓу неговите желби да се оствари таа идеја и реалните односи на Македонија со Хелените индиректно ја разоткрива суштинската разлика и нивното меѓусебно вековно нетрпение.

---

[111] Борза, Ј. *Во сенката на Олимп*. Патрија. Скопје, 2004: 344; Стојчев, В. „Македонскиот идентитет во античиот период“. *Годишен зборник*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип - Институт за историја и археологија. Штип, 2010: 13-14.

[112] Истото, 42. „Demosthenes Crationes“, from *A History of Diplomacy*, vol. 5. Diodor Sikelioi, Biblioteka Historica, 49.

[113] Карлие, П. „Демостен“. *Историја*. Скопје, 1994: 111.

[114] Истото, 167.

Обратните тврдења дека Македонците биле Хелени се соочуваат со фактот дека и „самиот поим 'Хелен' е прилично неодреден"[115], потоа „од античко време до денес дефинициите на поимот 'Хелен' многупати се менувале и дека тој всушност не претставува групен хеленски идентитет, затоа што и Јонците и Дорците се сметале за полноправни етнички групи."[116] Покрај овие сознанија, Војислав Саракински тврди дека во многу случаи „линијата меѓу Хелените и барбарите не само што не може јасно да се исцрта туку е заматена речиси до бесмисленост."[117]

Во однос на хеленското потекло на Македонците, Саракински е дециден: „Додека не знаеме речиси ништо за политичката и за општествената историја на горномакедонските области, кога единствените опредметени знаења ги влечеме од материјалните извори, а Македонија пред Александар ја познаваме исклучиво од делата на надворешни наративни извори..., нема да добиеме одговор што ќе го задоволи современиот човек."[118] Покрај тоа, според Саракински, етницитетот, во облик на самосвест за припадност, е општествен конструкт и тешко може да се согледа преку археолошките наоди, од проста причина што податоците за Македонија почнуваат дури со Херодот и Тукидит во V век од старата ера."[119]

Без оглед на поделените ставови за етничкото потекло на античките Македонци во светската историографија,[120] во едно сите се согласуваат дека нивното име Македонци е неспорен историски факт кој опстојува низ античката историја со милениуми во континуитет. Токму затоа, во оваа книга темата за името Македонци како неспорен факт во античкиот период не се елаборира повеќе. Но она што паѓа во очи на истражувачот е фактот дека етнонимот „Македонец" продолжил да опстојува и во вековите по згаснувањето на античката македонска држава.

Македонците продолжуваат да живеат во изменети околности во рамките на Римското Царство, во коешто нивната култура и јазик се „романизира", а со ширењето на христијанството ја прифаќаат и христијанската религија, потврдено и во Светото писмо. На овие промени треба да ги

[115] Саракински, В. *Македонците меѓу* ... : 61-62.

[116] Истото, 61.

[117] Истото, 66.

[118] Истото.

[119] Истото, 67.

[120] Проева, Н. *Историја на*..., 66 - 67.

придодадеме и натамошните процеси на асимилација со други сродни блиски народи, но и со римските колонисти со кои биле полни градовите во Македонија во тој период. Кога зборуваме за периодот по пропаста на македонската држава, да не заборавиме дека зборуваме за антички народ кој веќе под недрата на своето античко име „Македонци“ ги прифатило повеќето балкански етноси кои се нашле во рамките на античка Македонија. Според тоа, постои голема разлика во етносупстратот на Македонците од период во период.[121] Саракински смета дека крајно време е „античките Македонци да се ослободат од баластот и притисокот на прашањето за нивната етничка припадност“ и „прашањето што биле античките Македонци има само еден оправдан одговор - антички Македонци.“[122]

Од пропаста на античката држава Македонија и нејзиното потпаѓање под Римското Царство во следните векови името Македонија било во континуирана употреба како римска провинција - диецеза (од втората половина на IV век), со повеќе територијални промени на Балканот.[123] Последен пат во изворите имињата на провинциите „Македонија Прима“ и „Македонија Секунда“ се спомнуваат во 535 год.[124] Значи, името „Македонија“ како административно фигурирало сè до појава на Словените на Балканот.

[121] Токму затоа Саракински забележува дека е можно постоење некои изолирани заедници кои останале стабилни со текот на времето, но општо земено, она што денес ни изгледа како етничко хомогено население, во рамките на која било современа балканска држава е обичен збир од регионални идентитети. Истото, 73.

[122] Истото, 74.

[123] Бошковски, М. *Имињата Македонија и Македонци во средновековните извори*. Републички завод за заштита на културата. Скопје, 2003: 35-42.

[124] Истото, 44.

II ДЕЛ

ИМЕНУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ПО ПРОПАСТА НА МАКЕДОНСКОТО ЦАРСТВО ВО АНТИКАТА И ВО СРЕДНОВЕКОВИЕТО

ИМЕТО МАКЕДОНЦИ ПО ПРОПАСТА НА МАКЕДОНСКОТО ЦАРСТВО

И покрај многуте процеси на асимилација и прифаќањето на културите како заемен процес во долгиот антички период, материјалните докази од средината на II век пр. н.е. па сѐ до VI век од н.е. покажуваат дека античкото име Македонци се зачувало како идентитетско име за жителите на Македонија. Во прилог наведуваме некои изворни сведоштва.

I век. Второто послание на апостол Павле. Апостолот Павле се обратил кон Коринтјаните (Елини) „...и преку вас да поминам во **Македонија**, а од **Македонија** пак да дојдам кај вас, и вие да ме испратите за Јудеа.“[125]

„...зашто ми е позната вашата усрдност за која се фалам за вас пред **Македонците**, дека Ахаја, уште од лани, е приготвена и дека вашата ревност поттикнала мнозина. Сепак, ги испраќам браќата за да не се покаже во овој однос празно нашето фалење со вас и да бидете, како што реков, подготвени, и ако дојдат со мене **Македонците** и ве најдат неподготвени, да не се засрамиме ние, да не речам вие.“[126]

253 год. Натпис на надгробна плоча од Калокерон кај градот Сер. „Јас, Десни Комин, ѝ подарив на мајката на боговите дете по име Калокерон, на возраст од 12 години, родум - **Македонец**!“

400 - 450 год. Хермиј Созомен[127]. „Христијаните од ’истокот’ се до Либија, на границата на Египет, не се осмелувале да се собираат отворено како црква... Но христијаните од ’запад‘[128] - Грците, **Македонците** и Илирите се изразувале преку богослужба сосема безбедно, заштитени од Константин, кој тогаш бил на чело од Римското Царство.“[129]

V век Созомен (за 314 година). „По битката кај Кибалис, Дарданците, **Македонците**, жителите на бреговите на Истер,[130] на Грција и целиот народ на Илирија беа освоени од Константин... Елините, **Македонците** и Илирите (почнале) без страв да ја исповедуваат (Христовата) вера.“[131]

---

[125] Второ послание до Коринтјаните 1; 16.

[126] Истото, 9, 2-4.

[127] Созомон, доцноантички историчар.

[128] Овие земји за историчарот биле западни затоа што ги гледал од Блискиот исток (Јудеа).

[129] Ecclesiastical Histori, a History of The Churh, From A.D. 324 to A.D. 440, London, 1846, 6.

[130] Истер - реката Дунав.

[131] Гръцки извори за българската история, т. 1, София, 1954, 50 – 51.

V век. Теодорит Кирски.[132] „Градот Солун голем и добро населен, им припаѓа на **Македонците**, но седиште е на Тесалија и Ахаја...“[133]

Личните имиња **Макаидон** на натпис во градот Прилеп и името **Македон** на натпис во селото Мојно во Пелагонија, кои потекнуваат од античкиот период, зборуваат не само за потеклото туку и за присуството на името на Македонците на овие простори и во овој период.[134]

За време на владеењето на Римската Империја, како и за време на владеењето на Византија (Источното Римско Царство) со македонската земја, според расположливите документи древните Македонци го зачувале својот етноним „Македонци“.[135] Римското Царство ја претворило Македонија во своја провинција, но го зачувала нејзиното име и ја оставила етнолошката слика на Македонија со извесни промени кои постепено се одвивале. Тоа значи дека античките Македонци останале на својата земја, но на повеќе места низ Македонија биле населени римски колонисти. Познато е дека римски колонисти се населиле во Пела, Стоби, Филипи, Скупи, Лихнидос, Хераклеа, Баргала, итн.

И покрај тоа, според Митко Б. Панов „изворната анализа покажува дека мнозинството автори од периодот на IV до VI век при нивното политичко-административно, географско и религиско дефинирање на Македонија и нејзиното разграничување од соседните територии го употребувале и терминот ’Македонци‘ во етничка конотација“.[136] Но треба да се нагласи дека името Македонци добива име на жители на римска провинција. Но и во овој случај, името како етноним и политоним си го продолжува опстојувањето на името Македонци уште неколку векови.

Моќта на македонската традиција не оставала силен печат само на обичните Македонци, туку и на нивните поробители. Некои од нив биле опседнати со тоа. Такви примери се римските императори Каракала и

---

[132] Теодорит Кирски бил црковен историчар.

[133] Панов, М. Б. *Македонија и Македонците во византиската*..., 44; Cyrrensis, Th. *Historia ecclesiasica*, 5, 17.

[134] *Inscruptiones Graecae*, Vol. X, Pars II, Fasciculus II, Berolini, Novi Eboraci MIM, 1999.

[135] Панов, М. Б. *Македонија и Македонците во византиската историографија (VI - XI век): Перцепција, претстава, конструкција, македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010: 43-66.

[136] Истото, 44.

Максимилијан Галериј.[137] Римскиот историчар Полибиј во II век пр. н.е. римската држава ја споредува со најзначајните поранешни основани држави, меѓу нив и државата на Македонците, а некои од римските императори и војсководци ги споредувал со Александар Велики. Влијанието на Александар и Филип било присутно и врз воената тактика кај римските императори, како што е Гај Јулиј Цезар и неговиот наследник, императорот Август. [138]

Во периодот пред доаѓањето на Словените во Македонија Македонците во рамките на Византија, иако со уште многубројни други етникуми, во тоа пространо царство сите носеле поданичко име Ромеи. Во мноштво документи се означуваат како посебен етнос Македонци, различни од Тесалците, Епирците, Ахајци, Тракијците, Сиријци и другите кои живееле околу нив, но никогаш не и со зедничко име Грци или Хелени. Впрочем, за време на Византија (име измислено од историчарите) никогаш Византијците не се сметале себеси за Грци, туку Ромеи. „Зборот 'Елинас' (Грк) подразбираше 'идолопоклоник' и се сметаше за навреда.“[139] Македонците ја примиле христијанската православна религија, а подоцна и византиската (ромејската) култура.

Во науката преовладува мислењето за тоа дека настанала промена во структурата на македонското население, благодарејќи на која извесен период

---

[137] Така, римскиот император Каракала, според римскиот летописец Херодијан: „Откако Каракала ги средил работите во своите гарнизони долж реката Дунав, заминал во Тракија, на границата со Македонија и таму наеднаш станал 'Александар Македонски'. Почнало оживување на сеќавањата за овој 'Македонец' на секаков можен начин. Тој наредил да бидат поставени статуи и сликани портрети кои биле така дизајнирани што сугерирале дека тој е вториот Александар ... самиот Каракала почнал да носи македонска облека, посебно шапка за сонце и кратки чизми. Тој собрал момчиња во единица што ја нарекол Македонска фаланга, а неговите официри носеле имиња на александровите генерали (Мицов, В. С. *Македонската еманципација на Балканот*. Матица. Скопје, 2013: 87). Слично нешто се случувало и со императорот Максимилијан Галериј, кој по победата над Персијците во 298 година почнал да се идентификува со Александар Македонски. Неговата опседнатост со Македонците резултирала со неговата одлука да го назначи градот Солун за своја резиденција во 298 година. „За тоа секако од пресудно значење било сознанието дека во Солун мнозинското население го сочинувале Македонците. (Панов, Б. М. „Солун за време на владеењето на Максимијан Галериј“. *Гласник*, 41. ИНИ. Скопје, 1997: 131-132.)

[138] Шукарова, А. *Меморија и идентитетот: Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010: 37.

[139] Накратзас, Г. *Тесното племенско сродство на денешните Грци, Бугари и етничките Македонци*. Битола, 2004: 31.

настанала и промена во именувањето на населението на територијата од Македонија. Промените започнале во втората половина на VI век, а промена на структурата во Македонија во втората декада на VII век. [140]

Склавините, кои уште во VII век се групираат во племенски сојузи, дејствуваат мошне самостојно во војните со Византија, особено во борбите за заземањето на Солун. Тоа групирање и обединување на Склавините во Македонија се одразило и во борбите кои тие ги воделе против навлегувањето

---

[140] Антолјак, С. *Средновековна Македонија*, 1. Мисла. Скопје, 1985: 99-151; Панов, Б. *Средновековна Македонија*, 3. Мисла. Скопје: 7-30; Острогорски, Г. *Историја Византије*. Просвета. Београд, 1969: 99-101; Ђоровић, В. *Илустрована историја Срба*, књига прва. Политика, Народна књига. Београд, 2005: 38-45; Попов, Д. - Божилов, И. - Георгијева Ц. *Историја Бугарске*. Клио. Београд: 62-64; Накратзас, Г. *Тесното племенско*..., 35-47; Зоговиќ, С. „Военo-политичките односи на Ромејското Царство со склавиниите низ Македонија (VI - VII век)". *Зборник: Меѓународна научна конференција „Македонија и соседите"*. Универзитет „Св Кирил и Методиј". Скопје, 2010: 235-247. Официјалниот став на МАНУ и УКИМ и на другите релавантни научни институции по тоа прашање е дека „од почетокот на VI век балканските владенија на Византија биле изложени на чести и масовни движења и напади од страна на заддунавските Словени. Оттогаш и територијата на Македонија (која била уредена како провинција во рамките на префектурата Илирик, чијшто главен град бил Солун) била изложена на постојани пустошења од страна на Словените. Овие напади особено зачестиле од средината на VI век, кога Словените почнале и да презимуваат на византиска територија." (Македонија и односите со Грција, Совет за проучување на Југоисточна Европа на МАНУ. МАНУ. Скопје, 1993: 15; Панов, Б. *Средновековна Македонија*. Мисла. Скопје, 1985: 7-97.) Според Н. Проева: „По пропаѓањето на античкиот свет и менувањето на политичката состојба, како на Балканот така и во цела Европа, почнуваат процесите на етногенеза на современите народи, при што со симбиоза на староседелците и новодојдените се создаваат денешните народи - во Македонија тоа се античките Македонци и словенските племиња, во Бугарија Тракијците, Словените и Бугарите." (https://www.novamakedonija.com.mk/wp-content/uploads/2018/07/Nade-Proeva.jpg) И Бранко Панов е со сличен став: „Во епохата на римското владеење на Македонија, Македонците биле изложени на засилена асимилација. Како резултат на тоа, староседелско население што го затекнале Словените во Македонија во VI век ни најмалку не претставувало повеќе дел од хомогено македонско потекло. Тоа романизирано и елинизирано македонско население претставувало смеша од остатоците на старите Македонци и многубројните романски и 'варварски' колонисти. Но и покрај тоа, силните традиции од древната македонска држава продолжувале да влијаат врз именувањето на дел од ова население како 'Македонци'. Таа појава била карактеристична и за рановизантиската епоха, кога на територијата од древната македонска држава трајно се населени македонските словенски племиња, со што се извршиле коренити етнички и општествено-економски промени." (Панов, Б. *Средновековна Македонија*. Мисла. Скопје, 1985: 8.) Анета Шукарова ја следи истата смисла дека „македонскиот идентитет може да се изведе од три темелни ентитета: античка Македонија, славјанството и христијанството." (Шукарова, А. *Меморијата и* ... : 36). Како племиња, а не како народи на Балканот се населиле и Србите и Хрватите. Jevtić, M. *Uloga religije u identitetu*..., 172.

на Бугарите во Македонија. Сепак, доколку некои словенски племиња имале лоши односи со Византија, тоа не ги ограничувало другите словенски племиња да имаат добри политички стопански односи со Византија.

Во VII и VIII век византиските автори зборуваат за словенски етноси: *Словени*, *Берзити, Драгувити, Смољани, Езерци, Ринхини, Сагудати, Струмјани, Велегизити*[141] во Македонија, а од втората половина на VIII век се појавува територизација и наоѓаме Склавинија (земја на Словените), „склавиниите во Македонија“ (758)*[142]* или Берзитија (земја на Берзитите, 774);[143] кај Теофан Исповедник, кој пишува во втората деценија на IX век,[144] продолжуваме да ги среќаваме и во средината на IX век кај Григори Декаполит (836) и кај Константин Порфирогенит (856), а потоа среќаваме и тема Драгувитија.

Митко Панов смета дека „ваквите сведоштва покажуваат дека уште во првите децении на VII век настапил етапен процес на заемна културна интеракција, коегзистенција и симбиоза меѓу домородното македонско население и Словените населени во Македонија.“[145] Според овој наш медиевалист, токму во документите познати во науката како *Чудата на св. Димитрија Солунски* се откриваат такви показатели. Од VIII до XI век големиот словенски бран го потиснува името „Македонци“ во втор план и „притоа територијата и името Македонија се јавуваат како непроменлива платформа врз која ќе се градат следните процеси кои ќе го вратат етнонимот Македонци.“[146]

---

[141] Lemerle, P. *Les plus anciens recueils des miracles de saint Demetrus*, I. Le texte. Paris, 1979: 214, 19, 28, 215,16.

[142] Theophanis, *Chronographia*. Ed. De Boor, 358; Ивановъ, Й. *Българитѣ въ Македония*. София, 1917: 5, 17, 19. Македонските склавинии во 758 година воделе војна со византискиот император Константин Копроним (τὰσ κατὰ τὴυ Μακεδουίαυ Σκλαυίας). Племињата во Македонија не учествувале во создавањето на бугарската народност, која е оформена уште во VII век од старите Протобугари и словенските племиња во Североисточна Бугарија околу планината Стара Планина. Напротив, македонските племиња воделе и војни против бугарските војски сè до втората половина на IX век.

[143] *Византиски извори за историју народа Југославије*, том 1. Београд, 1955: 233.

[144] Истото, 130. Антољак, С. „Военоадминистративната организација на македонските склавинии“. *Историја*, бр. 2. Скопје, 1983: 129. (*Византиски извори за историју народа Југославије I: Посебна издања Византолошког института*, САН ЦЦХЛІ/3. Београд, 1955: 125)

[145] Панов, М. Б. *Македонија и Македонците во византиската*..., 47-48.

[146] Истото.

Словенската азбука и писменост битно влијаеле врз полесното прифаќање на христијанската вера и се создале услови за културно и политичко изедначување, но и полесен и конечен процес на приближување во кој староседелското население со силните милениумски традиции му го дава христијанството и древното македонско име, а веќе не така новото македонско словенско население во истата етносимбиоза учествува со доминантниот словенски јазик, кој се здобил и со свое од словенско писмо. Создавањето на словенското глаголско писмо на теренот од Македонија пред нејзиното потпаѓање под бугарска власт, означило целосна заштита на словенскиот јазик, не само на територијата на Македонија туку на огромните пространства каде што живеат православните Словени.[147]

[147] Според рускиот славист Лавров, кој бил дел од истражувачката експедиција на Руската академија за науки во Македонија во 1900 год., најстарите словенски ракописи од Климентовото време укажуваат на тоа дека нивните автори запишале дека делата ги пишуваат на *словенски јазик*, дека лично Климент се потпишува како *епископ словенски* и дека неговиот учител Методиј бил кнез на *Кнежение Словенско* во Брегалничката Област. (Кондаков, Н. П. *Македонскія. Археологическое путешествіе*. Издание Отделенія русскаго языка и словесности Императорской Академіи Наукъ. Санктпетербургъ, 1909: 23; Санктбетербугский, филиал Архива РАН, СП б., ф. 384, оп. 1, ед. хр. 130, л. 1 - ракопис на Лавров П. А.; Ристовски, Б. *Првобитното име на Самоиловото Царство било Склавинија? Македонскиот идентитет низ историјата*. 68-69). Во тие најрани исклучиво словенски ракописи не фигурира бугарското име. Аналогно на претходно изнесените факти, големиот чешки и светски славист Павел Јозеф Шафарик, уште во 1863 година во своето дело *Словенски старини* (Šafařik, S. P. *Slovenske Starožitnosti*. Praha, 1863) констатирал дека Македонија во првите столетија по преселувањето на Словените на југ имала свое сопствено име Склавинија или Славинија. Токму затоа, Кирил и Методиј создале словенско писмо, наречено по Словените кои живееле во Македонија (македонските Словени), а за IX век тој јасно ги разграничил македонските од бугарските Словени: „Солун во IX век беше главно ’трговиште‘ на македонските и бугарските Словени.“ (Доровски, И. „Капитоли на чешко-македонските културни односи“. *Гласник*. ИНИ. Скопје, 1968: 113-114).

ХРОНОЛОШКИ ПРИКАЗ НА ИМЕНУВАЊЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО МАКЕДОНИЈА КАКО МАКЕДОНЦИ И СЛОВЕНИ СПОРЕД ВИЗАНТИСКИ И ЗАПАДНИ ИЗВОРИ ВО СРЕДНИОТ ВЕК[148]

Период	Извор	Македонци - староседелци	Македонски Словени
400 - 450 год.	Хермиј Созомен	Македонци	-
V век	Теодорит Кирски	Македонци	-
584 год.	Јован Ефески	-	Словени
586 год.	Чудата... I Митрополит Јован	Македонци	Словени
614 - 616 год.	Чудата... II	-	Словени Словенски народ Драговити Сагудати Велегезити Вајунити Берзити Стримонци
630 год.	Чудата... II	-	Словени
677 - 680 год.	Чудата... II	Македонци	Словени Стримонци Ринхини
670 - 680 год.	Мојсеј Хоренски	-	Словенски народи
688 - 689 год.	Патријарх Никифор	-	Словени Словенски родови
688 - 799 год.	Теофан Исповедник	-	Склавини Склавини од Македонија Берзити Скити - Словени Словенски етноси Словените од Велегизитија
VIII век (IX или X век?)	Страбонов епитоматор	-	Скити - Словени

[148] Во табеларниот приказ податоците за изворите во најголем број се искористени од: *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*. УКИМ. Скопје, 1981; Македония сборник от документи и материали, София, 1978 и др. Посебна благодарност со проф. д-р. Стојков Стојко.

821 - 823 год.	Михајло II	-	Склавини
836 - 837 год.	Житие на Григориј Декаполит	-	Склавинија Словенски краишта
837 год.	Натпис кај Филипи	-	Смољани
870 - 890 год.	Панонски житија	-	Словенско Кнежевство Словенски јазик
Крај на IX и почеток на X век	Црноризец Храбар	-	Словени, род словенски
904 год.	Јован Каменијат	Македонци	Словени Друговити (Драговити) Сагудати Стримонци
926	Луидпрант Кремонски	-	Словени
1041 год.	Барски анали	Македонци	-
1072 - 1073 год.	Никифор Вриениј	-	Словени Словенски народ
1113 год.	Летописецот Нестор	Македонци	Словени
Средина на XII век	„Тимарион“	Македонски народ	-
1185	Византиски писател Ефрем	Македонци	-
Почеток на XIII век	Јован Иеракар	Македонец по род	-
1204 год.	Никита Хонијат	Македонци	-
Прва половина на XIV век	Никифор Григора	Македонци	-
Крај на XIV век	Јован Кантакузин	Македонци	-

Од горната табела се гледа дека во изворите од VI до почетокот на XI век за населението во Македонија доминира називот Словени, Склавини и имињата на поединечните македонски словенски племиња во однос на името Македонци. Од почетокот на XII век името Македонци станува сè поприсутно подоминантно во изворите во одонос на името Словени.

Во средниот век на балканските простори и пошироко немало етнички држави, туку територијални држави, за што можат да посведочат

титулирањата на голем број владетели. Такви хетерогени мултиетнички средновековни држави биле и Византија, Бугарија, Самоиловата држава и Србија во кои опстојулувало и македонското население. Така, „не смее да се превиди дека полиетничката Ромејска Империја се засновала на цврсти конфесионално-етатистички начела, а не врз принципите на национална припадност. Поимот Ромеи ги сублимирал во себе сите поданици на василевсот, како што со називот Бугари во почетокот се нарекувале само Протобугарите, а подоцна се пренесол и на државата и на нејзиното население, вклучувајќи го тука етнички различното население од Бугарите, односно припадниците на сите познати според изворите словенски племиња што влегле во рамките на Бугарското Царство.[149] Но дури и во овој период не се бришат и биле истовремено користени и имињата, Склавинија, Славинија, Склавонија, Македонија, Драгувитија, Македонци, Драгувити, Смолјани, Сагудати и др.[150]

По освојувањето на македонската територија од страна на Бугарите се среќава и поданичкото име Бугари на територијата од Македонија, но не како етничко. Всушност, „завојувањето на Македонија од страна на Бугарија траело цел век, но нејзиното владеење на целата територија од Македонија не траело ниту половина век.“[151]

Што се однесува до името „Бугари“ за време на Самоиловата држава, Митко Панов, анализирајќи ги расположливите извори и оспорувајќи ги некои од нив како недоречени и нејасни, меѓу другото, тврди: „Колку денес некој и

---

[149] Славеска, Л. *Македонска генеза*. Матица македонска и Фондација „Рамковски“. Скопје, 2008: 290.

[150] Панов, Б. *За етногенезата*..., 25 - 30).

[151] За време на бугарскиот владетел Борис (852 - 889), а особено за време на Симеон (893 - 927), поголемиот дел на Балканот бил завладеан од Бугарите, односно речиси целата територија на денешна Србија, без северниот дел на Војводина, како и делови од денешна Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Албанија и Македонија се нашле под бугарска власт. Со Мировниот договор од 927 година меѓу Византија и Бугарија, Византија официјално го признала бугарскиот владетел Петар I за „цар на Бугарите“. Оттаму и сите поданици на наброените територии на Балканот во Византија започнале да ги именуваат како „Бугари“, без разлика на нивната етничка припадност, како што впрочем и сите поданици во Византија односно Ромејското Царство биле нарекувани Ромеи, без оглед на фактот што во таа Империја живееле стотици различни средновековни етникуми. Таквата тенденција доминирала сè до XII век, односно поимот „Бугари“ останал доминатен, но не како припадници на етникум, туку како поданици на бугарската држава (Проева, Н. *Делакулонш, лулката на македонската државност*. Скопје, 2000, превод, предговор, 5-16) и жители на византиската тема Бугарија со седиште во Скопје (Бошкоски, М. *Имињата*..., 105-106).

да претендира да докажува дека Самоил ја идентификувал својата држава како „Бугарија“, а подоцна како „Бугари“, за ваквото тврдење едноставно нема изворна поткрепа. Не постои ниту еден изворен податок што ќе посведочи како Самоил ја нарекувал својата држава или населението опфатено во државните граници.“[152]

Територијата на Балканот каде што владеел царот Самоил по повторното освојување во 1018 година од страна на византискиот император Василиј II била поделена на неколку административни единици - теми. На тој начин, Македонија повторно станала византиска провинција под името „тема Бугарија“,[153] земајќи го предвид фактот што називот на темата „Македонија“ сè уште бил актуелен за Тракија и дел од Бугарија како административна

[152] Панов, М. Б. *Политичко-идеолошките традиции на Самоиловата држава: Прилози за историјата на Македонија*. МАНУ. Скопје: 126-127. Пред распаѓањето на Самоиловото Царство идеологијата на македонската династија сè уште имала влијание кај византиските автори, т.е. во нивните историски описи. Така, за Лав Ѓакон, Македонците живееле само на територијата контролирана од Византија, додека населението во Самоиловата држава го нарекувал ’Мизи‘. (Панов, М. Б. *Македонија и Македонците во византиската*..., 60). Јован Геометар, пак, во неговата поема народот на Самоил во 989 год. ги нарекува како „Скити“, а територијата како „земјата на Македонците“. (Истото) Јован Скилица, кој пишувал за Самоиловата држава по повеќе од 100 години од нејзиното укинување, нејзиното население го нарекува „Бугари“, кога веќе територијата на Македонија била под во рамките на Византија (Антољак, С. *Критички осврт на изворите за Самоиловата држава (1014): Средновековна Македонија 1*. Мисла. Скопје, 1985: 265). Според Стјепан Антољак, за историското дело на Никифор Вријениј, во коешто двапати, „единствен од византиските извори, го нарекува Самоил ’цар на Бугарите‘, значи дека *му ја признава царската титула*.“ (Антољак, С. *Средновековна*..., 265), но тоа не значи дека и населението во тоа царство било само бугарско. Ако за народите на Самоиловото Цараство ги користеле термините *Мизи*, *Скити* и *Бугари*, византиските автори, од друга страна, секогаш тенденциозно, „под влијание на креираната идентитетска претстава, населението во Тракија го нарекувале под името ’Македонци‘ и ниту збор за Бугари.“ Во *Annales Barensesses*, кога се опишувала војната на царот Константин VIII (1025 - 1028) на Сицилија, во борбата со Норманите во Јужна Италија учествувале: „Russorum, Gunadelorum, Turkorum, Bulgarorum, Vlachorum, **Macedonorum**, aliarumque…“ (*Византијски извори за историју народа Југославије*, III, 177-186). Изворот понатаму ни укажува дека дека сите Македонци во оваа битка загинале. Значи, во периодот од само десетина години по падот на Самоиловата држава, во составот на војската на византискиот цар Константин VIII имало војници кои припаѓале на повеќе средновековни народи, кои, главно, живееле на територијата од тогашна Византија, а меѓу нив и Бугари, Власи и Македонци.

[153] Антољак, С. *Самоиловата држава*, 108-109; Славеска, Л. *Етногенезата* ...: 58; Бошкоски, М. *Имињата*..., 114-115.

единица или „тема“ на оваа држава уште од почетокот на IX век.[154] Архиепископијата била единствената институција каде што покрај грчкиот се користел и словенскиот јазик, кој од византиските власти бил наречен „бугарски“. Во согласност со политиката на оваа држава и повеќе историчари современици на македонската династија и уште стотина години подоцна жителите на темата „Бугарија“ во Македонија ги нарекувале со политонимот „Бугари“, како што, впрочем, со истото име ги нарекувале и поданиците кои живееле на територијата од денешна Србија и Албанија.

Стојков забележал извори со примери од овој период каде што во нив се зборува за употреба на словенски јазик, и тоа во записите кај презвитер Јован меѓу 1018 - 1037 год.: Охридскиот апостол од XII век и Григоричевиот триод од XII век, но и други примери.[155] Според Бошковски, од крајот на XI век кога била укината Темата Бугарија на територијата од Македонија, бугарското име сè помалку се употребувало во византиската и западноевропската литература, каде што останало доминантно македонското име.[156]

ОБИДИ ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА ВИЗАНТИСКИТЕ АДМИНИСТРАТИВНИ ТЕРМИНИ КАКО ЕТНИЧКИ

Византиската држава во периодот од почетокот на IX век, па сè до втората половина на XI век, жителите на Тракија (денешна Бугарија) ги нарекувала со политонимот „Македонци“, заради тоа што таму била формирана воено-аднинистративна Тема „Македонија“. Иронијата да биде поголема, за „вистинските бугарски земји околу Плиска, Преслав и Подунавјето византиската администрација од XI век не ги употребувала термините ’Бугарија‘ и ’Бугари‘,[157] туку Миксоварвари, Власи и Павликанци[158] и со политонимите Ромеи (како поданици на Византија, Параистрионци (како жители на подунавската византиска Тема Параистрион) и Македонци (како жители на Тракиската Област со административно име на византиската Тема

[154] Бугарската историографија намерно го занемарува овој факт и го злоупотебува едностранo називот „Бугарија“ за територијата на Македонија. Според нивната теорија, денешната територија на Бугарија треба да се нарекува Македонија и Параистрион.

[155] Стојков, С. ,,Македонија како пресечна точка на другоста на средновековниот Балкан“. *Прилози за историјата на Македонија*. МАНУ. Скопје: 156.

[156] Бошкоски, М. *Имињата*..., 94 - 100.

[157] Панов, М. Б. *Македонија и Македонците во византиската*..., 64.

[158] Религиска идентификација.

'Македонија')". Политонимот „Македонци" за тогашното население се употребувал најчесто кога станувало збор за жители на Западна Тракија. Дури, според истражувањата на Стојков, „160 години поимот 'Бугари' нема да биде употребуван од византиските автори за луѓето во оргиналната *бугарска земја.*"[159]

Фактите од бројните извори во кои се употребува името „Бугари" за жителите на Темата „Бугарија", која се наоѓала на денешната територија од Македонија и употребата на името „Македонци" за Темата „Македонија", која се наоѓала на територијата од денешна Западна Бугарија,[160] ги прави беспредметни и залудни невештите злоупотреби на некои бугарски историчари и институции.[161] Имено, цитирајќи византиски извори, создадени најчесто во периодот од XI и XII век, во кои жителите на денешна Македонија се прикажани како „Бугари", затоа што биле жители на тогашната Тема „Бугарија", намерно ги премолчуваат изворите во кои тогашните жители кои живееле на територијата од денешна Бугарија (во Тракија) во византиските и западните извори се именувани како „Македонци", затоа што таа воено-административна единица, односно тема, била наречена „Македонија". Бидејќи во нивните изданија целосно се избегнува ова толкување за читателот, за да се создаде погрешна (наведувачка) слика кај него, еве, ние, ќе наведеме повеќе извори во коишто тогашното население кое живеело на територијата од денешна Бугарија (во Тракија) било именувано како „Македонци" и други имиња, но не и како „Бугари", кои посебно се елаборирани во докотрскиот труд на Стојко Стојков.[162]

а) **Византиски извори**

- Михаил Псел (втора половина на XI век), *Востанието на Лав Торник*. „Овој император[163] имаше еден втор братучед по мајка, на име Лав, а по род Торник. Тој живееше во Адријанопол и беше исполнет со **македонска**

[159] Стојков, С. *Македонија како*..., 154.

[160] Митко Б. Панов, *Македонија и Македонците во византиската*..., 49.

[161] Најочевиден пример за тоа е изданието на Бугарската академија на науките, Институтот за историја и Институтот за бугарски јазик: *Македонија, зборник од документи и материјали, издаден во Софија,* 1978: 68-100, но и некои други изданија поврзани со средновековната историја на Македонија и Бугарија кои се повикуваат на истите извори.

[162] За прикажаните извори должам посебна благодарност на проф. д-р Стојко Стојков. Изворите се искористени од докторската теза: Стојков, С. *Поимите Словени и Бугари од VII до XIII век во Македонија и Бугарија*. УКИМ. Скопје, 2013: 337, 338, 342, 343, 361, 458, 459, 460, 539.

[163] Константин IV Мономах (1042 - 1055).

дрскост... Кога тој порасна и покажа одредена цврстина на карактерот, **македонската партија** се присоедини конечно кон него...“

- Михаил Аталиат (2½ на XI век) за населението покрај Истар, односно Дунав, го дава следниот опис: „тоа е полуварварско или мешано варварско,[164] во неговите градови се имале префрлено Скити (=Печенези) кои донеле скитски начин на живот, тамошното население зборувало на сите јазици или мноштва собрани од сите јазици.“[165] Михаил Аталаит ги нарекува повеќепати со неутрални поими како *ἐγχωρίους*.[166]

- Теофилакт Охридски (крај на XI почеток на XII век). Според неговите записи, „во диецезата на Цариградската црква во која влегуваат Тракија, Мизија и дел од Македонија, нема Бугари.“[167]

- Ана Комнина (средина на XII век). „Во Паристрион (Мизија) спомнува локално население, Миксоварвари и Власи.“[168]

- Зонара (XII век). Опис на бунтот на Нестор Дук на Паристрион кој ги опљачкал „областите на Тракијците и Македонците и соседните на нив области на Бугарија, а потоа се вратил во земјата на Печенезите.“[169]

- Акрополит (2½ на XIII век). „Одбележува дека Куманите гонети од Татарите ги поминале Дунав и Стара Планина против волјата на Бугарите и ја совоиле Македонија (Тракија).“[170]

б) Описи на крстоносците кои поминуваат по Виа милитарис во XII век

- „За населението во областа на Сердика (Стралиц) го употребува неутралното *Hominess illius provinciae*. По Стралиц непријателите се Грци, започнувајќи од клисурите пред современа Тракија.[171] Од овие клисури започнува **Македонија** и стигнува до бедемите на Константинопол. Луѓето на востаничкиот цар Петар во Мизија се *Власите.*“[172]

---

[164] Attaliotae, M. *Historia*, p. 204$_{19}$.

[165] Attaliotae, M. *Historia*, p. 204, $_{19, 20}$

[166] Attaliotae, M. *Historia*, p. 205, 14

[167] Migne PG CXXVI, Lami 1, col 504, Мелоски, Х. „Москополски зборник, пролошки житија на светците“. *Miscelanea byzantine-makedonica*, 1.1. Скопје, 1996: 93.

[168] Comnenae, A. Alexias, vol. II, p. 61, $_{30}$, 62, $_{28}$

[169] Zonaras, *Epitomae Historiarum*, p. 713, $_{17}$ - 714, $_{2}$.

[170] Georgii Acropolitae, I, p. 53, $_{22}$ - 54, $_{1}$

[171] Chronicon Magni Presbyteri, MGH SS, XVII, p. 509, $_{27\text{-}28, 42, 43,}$

[172] Chronicon Magni Presbyteri, MGH SS, XVII, p. 510, $_{54\text{-}56}$

- Во историја на крстоносците, пишувана од многу добро информиран и објективен учесник во походот на Фридрих, се споменуваат и други етноси во Бугарија.[173]

- Според друг учесник - **Анзберт,** „по истекот на реката Сава крстоносците влегле во *земја под власта на Грците*“. Петровден го прославиле „на брегот на самата Сава, во еден грчки напола разурнат град нарекуван на... грчки - Пелгранум.“[174]

- Хроника на Словените од Арнолд од Љубек (1189) „има опишан настан кој се однесува на поран период, каде се зборува за ’бугарските и македонските жители‘ на областа Сердика (Cives Bulgarorum et Macedonum).“[175]

Според аналогијата на некои бугарски научници, ако жителите на Македонија, заради административниот назив на Темата „Бугарија“ биле Бугари, тогаш жителите на денешна Бугарија, заради административните називи на тамошната Тема „Македонија“ и „Параистрион“ би требало да биле „Македонци“ и „Параистрионци“, што секако е неприфатливо и во давата случаи.

РЕАФИРМИРАЊЕ НА ИМЕТО МАКЕДОНЦИ

Ваквата именска „рокада“ на двете византиските провинции со текот на времето во средновековните записи го губела своето значење. До крајот на XI век темите Македонија и Бугарија влијаеле врз терминологијата во изворите, но со нивното намалено значење започнува процес на враќање на поимите во рамките на класичните географско-историски простори, па од средината на XII век имињата Македонија и Македонци започнува почесто употребување на традиционалната територија како и името на нејзините жители.[176]

[173] ЛИБИ 3, с. 230, 232, 234

[174] ЛИБИ 3, с. с. 251, с. 252

[175] ЛИБИ 5.1. с. 50. Сите цитирани фусноти од бр. 172 до 183, според: Стојков, С. *Поимите*..., (докторска теза): 337, 338, 342, 343, 361, 458, 459, 460, 539.

[176] Според анализата на средновековните извори, (од крајот на VI до почетокот на XV век) детално во книгата: Бошкоски, М. *Имињата Македонија и Македонци во средновековните извори*, РЗЗСК. Скопје: 2003.

Во XI и XII век, покрај имињата „Словени“,[177] „Драгувити“[178] и „Сагудати“,[179] се појавува заедничкото име „Македонци“, со кои жителите на Македонија биле означувани сè почесто во византиските извори. Жителите на Македонија ги обединувала територијата на Македонија и нејзиното име. Територијалната припадност на заедничкиот живот била мошне доминантна во однос на поданичките имиња со кои биле означувани владеачките елити.

Во изворите од почетокот на XIV век името Македонци го среќаваме како општ етноним со различно гледиште од изворите во претходните векови, и тоа почнувајќи со делото на византискиот историчар Никифор Григора. „За разлика од византиските автори од XI, XII и XIII век, тој го напушта старото сфаќање за Македонија како византиска воено-административна единица под името Бугарија како анахронизам за своето време, а таков став има и за надживеаната и веќе непостоечка Тема Македонија во Западна Тракија.“[180] Но уште позначајно за нашата тема е тоа што Григора „словенските жители на Македонија тој секогаш ги именува како Македонци.“[181]

Во почетокот на XIV век со историските писатели Никифор Григора и Јован Кантакузин, имињата *Македонија* и *Македонци*, како и од нив изведената придавка *македонски* добиваат нова димензија и облик. Имено, како што заклучува Милан Бошкоски во неговата детална студија за тоа прашање: „Иако во науката одамна е докажано дека под тој термин византиските автори, вообичаено, ја имале предвид Македонија во нејзиното античко значење, сепак, од наведените примери може да се констатира дека под тоа име, вообичаено, се подразбирала Македонија во XIV век. Ова го велиме не случајно, бидејќи поимот Македонија во класична смисла на зборот е потесен (во смисла на северната граница), додека истиот поим во историско-географско значење се проширил (на север, а на запад се стеснил) на поголемиот дел на денешно историско-географски и етнички граници на Македонија... Имињата *Македонија* и *Македонци*, како и изведената придавка *македонски*, постепено се наметнувале за словенските племиња кои ја населиле територијата на класична Македонија. Постепено, низ средниот

[177] Истото, 105; Бошкоски, М. *Имињата*..., 115, 124.

[178] Истото, 115.

[179] Истото, 112 - 114, 124.

[180] Бошкоски, М. *Имињата*..., 158-160; Gregoras, N. 1, 16, 10-12, ИБИГИБИ XXV/XI, 125; ВИИНЈ, VI, 153;

[181] Бошкоски, М. *Имињата*..., 160; Gregoras, N. 1, 26, 4-5, ВИИНЈ VI, 153.

век, територијата на која живееле македонските Словени била именувана од други или од жителите кои ја населувале како Македонија.“[182]

За време на српското средновековно владеење на Македонија името на македонските Словени и Бугарите на територијата од Македонија, чијашто речиси цела територија влегла во составот на Душановото Царство, исто како и за време на бугарското владеење, употребуван е туѓ политоним. Ваквата тенденција, траела до крајот на српското средновековно владеење. Тоа, по непишано правило, го практикувале и византиските писатели коишто народите најчесто ги именувале според државата која владеела со тие територии, така што истите македонски Словени, кои ги нарекувле како Срби за време на српското владеење, за време на византиското и бугарското владеење најчесто биле нарекувни според поданичките имиња Ромеи и Бугари, и покрај тоа што името на земјата „Македонија“ продолжило да се среќава во документите и понатаму. Сепак, во ромејската историја на Никофор Григора имињата Македонија и Македонци за време на српското владеење со Македонија се присутни, што сепак зборува за неизгубениот континуитет. Александар Атанасовски во едно негово истражување на овој византиски автор наведува/докажува низ неколку извадоци и анализи на тоа дело дека во него „се зборува за историско-географската територија на Македонија, чиишто жители на неколку места ги нарекува *Македонци.*“[183] За разлика од изворите на српската држава, имињата Македонија и Македонци сѐ уште фигурираат во изворите надвор од оваа средновековна држава. Името Македонијани се среќава кај Матија Властар Синтагмат во *Азбучни зборник византијских и црквених закона и правила*,[184] каде што „за Македонијаните е кажано дека и сега ’здраво‘ (правилно) мислат и не веруваат во туѓи божества.“[185]

Записот врз фреските во црквата Св. Ѓорѓи, Баргала, Штипско, од средината на XIV век во којшто се споменува „**Братан от Македониа**“, е само уште еден прилог на фактот дека тоа име оставило неизбришлива трага на територијалната припадност врз свеста на обичните луѓе во средновековието,

[182] Истото, 185.

[183] Атанасовски, А. *Македонија и Македонците во делото на Никифор Григора - византиски историограф од XIV век*. СГУ, Научнъе публикации, факултета Всеобщая история*, Славянски сборник* (ВЫПУСК 6),
http//www.sgu.ru/faculties/historical/sc.publication/vseob.hist./slavyanskiy_sbornik/makedon.php

[184] *Словенски превод времена Душанова* (издао Ст. Новаковић). Београд, 1907: 62-63.

[185] Славеска, Л. *Македонската*..., 303.

за разлика од поданичката припадност која ја среќаваме во записите на крупните кнезови, односно владеачката елита.

Со други зборови, политонимите за македонското население во средниот век како што се Ромеи, Бугари и Срби биле употребувани од политичките елити, но не оставиле некои траги врз обичното население кое не се идентификувало себеси со политонимите кои биле сосема непристапни за нив. Населението во тој период се идентификувало според името на традиционалната историска територија - Македонија. Впрочем, од лексичко-семантичките гледишта кон поимите кои означуваат припадност кон некаква етничка заедница во *Речникот на старословенски јазик од македонска редакција* не се среќава зборот „народ“ ниту, пак, некој друг сличен збор кој означува етничка заедница која ние денес ја подразбираме под тој збор. Во речниците е присутен зборот „род“, кој повторно не може целосно да го поврземе со значењето на зборот „народ“, иако вториот етимолошки има потекло од првиот.[186]

[186] Ако ги искористиме сознанијата на филолошката наука, особено на лексичко-семантичката анализа на средновековните ракописи, може да проникнеме поблиску до размислувањата на средновековниот човек за неговата свесност за припадност. Во една опширна студија за називи на лица во македонските средновековни црковнословенски текстови, главно, засновани врз изворите за *Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција* (Макаријоска, Л. - Павлеска-Георгиевска, Б. „Називи на лица во македонските средновековни текстови“. Скопје, 2013: 7): „Во однос на жанровската структура главното место им припаѓа на текстовите со библиска содржина (евангелија, апостоли, псалтири, паримејници), но се застапени и коментарот кон псалтирот, триодите, минејот, прологот, паренезисот, како и текстовите со документарно-историска граѓа, грамотите коишто придонесуваат за збогатување на материјалот со нови лексеми непотврдени во другите текстови“ во делот кој се однесува на називи на жители - етници (истото, 162-170) изведени од името на населеното место, област, земја, племе. Поимот „народ“ очекувано не се среќава во лексичкиот фонд на овие средновековни црковнословенски текстови, а како етничка заедница е присутно „племето“ и „родот“. Според тоа, свесност за некаква народносна припадност, онаква каква што денес ја подразбираме сосема е исклучена. Оваа студија потврдува дека во *Речникот* средновековна Македонија, без оглед под чија власт се наоѓала, обичниот човек својата припадност ја препознавал во однос на **(1) неговата религија** (Таковски, Ј. *Терминологија од областа на теологијата: Македонска терминологија*. МАНУ. Скопје, 1999: 107): „Според теолошкото толкување црквата е од Бога устроена заедница на луѓе кои меѓу себе се соединети со една вера во Христа, со едно учење и законска ерархија и со едни свети тајни...“ Макаријоска, Л. Павлеска-Георгиевска, Б. Називи, 110-123.; **(2) сталешка позиција** (истото, 81-94.); **(3) припадност кон местото на живеење, односно територијалноста и родовска или племенската припадност - етници** (Конески, К. *Зборообразувањето во современиот македонски јазик*. Бо-на, Скопје, 2003: 64): „...зборообразувачката категорија етници ги опфаќа дериватите што означуваат

ИЗВОРИ ОД VI ДО XIV ВЕК

584 год. Јован Ефески.[187] „Во третата година по смртта на императорот Јустин[188] и стапувањето на престолонаследникот Тибериј[189] изврши напад проклетиот народ на **Словените**. Тие секавично ја поминаа цела Елада, областа на Тесалоники и цела Тракија и потчинија многу градови и тврдини. Тие го опустошија и изгореа, зедоа заробеници и станаа господари на земјата како на своја без страв...“[190]

жители на земји, држави, покраини, област и сл., припадници на етничките групи, жители на населени места чиишто имиња ги даваат основите на дериватите“. Интересно е тоа што „кај етниците изведени од името на областа на која ѝ припаѓа лицето или од името на етничката група забележуваме дека одредени називи во анализираните текстови се среќаваат само во множина (Макаријоска, Л. - Павлеска-Георгиевска, Б. *Називи*..., 169). Фактот што припадноста кон етничката заедница не е изразена во еднина можеби укажува само на територијално сознание кај средновековниот човек, а „односите на припадност кон одредена група во средновековието“ се изразувале со сложенките „единоплеменик“ , „своеплеменик“, „иноплеменик“, „инородец“, „инојазичник“, „туѓдеземленин“ и сл. (истото, 170). Кога станува збор за припадност кон некоја етничка заедница се среќаваат родовите и племињата. Зборот „народ“ во достапните многубројни извори од средниот век не се среќава. Истото се повторува и во изворите кои се однесуваат на периодот на српското владеење преку примерот на етимолошките прегледи на „Тетовско Бревно“ и Повелбата од кралот Душан за црквата Св. Богородица Тетовска (Синадиноски, Д. *Етимолошки преглед на тетовско Бревно*. Детроит, 2021; Синадиноски, Д. *Етимолошки преглед на Повелбата на крал Душан за црквата Света Богородица Тетовска*. Детроит, 2018). Кога станува збор за сталешката припадност во овој период, „во XII - XIV век, кога поголемиот дел од Македонија го освоиле српските владетели (Милутин, Стефан Дечански, Стефан Душан), терминот „србле“ ја ознаувал најбројната категорија на феудално зависно население во старата српска средновековна држава, а за Македонија се употребувал терминот парик или црковни луѓе за феудално зависните луѓе (Славеска, Л. *Македонската*... 290-291). Наспроти оваа најбројна категорија „србле“ (себри), во српското феудално општество бил „социјално диференцираниот привилегиран господаречки слој – властела“ (Славеска, Л. *Полог и Македонија во грамотата на цар Стефан Душан за манастирот свети Архангели кај Призрен: Социјално-економскат структура на неговите метохии и системот на нивната феудална експлоатација: Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*. Архив на Македонија. Скопје, 1980: 205-207). Според тоа, категоријата припадност во *Речникот на средновековните ракописи* за обичното население имала значење, пред сè, во територијална, социолошка и религиозна смисла, а не етничка.

[187] Јован Ефески - сириски летописец.

[188] Императорот на Византија Јустин II (565 - 578).

[189] Императорот на Византија Тибериј (578 - 582).

[190] *Документи за борбата на македонскиот*..., 22-23; Пангулевская, Н. *Сирийские источники по истории народов СССР*. Москва - Ленинград, 1941: 140-141.

586 год. Чудата на св. Димитрија Солунски I. „Тој (аварскиот хаган Бајан) го повикал кај себе од **Склавинииите** сето верно sверско племе, зашто целиот овој народ го имал под своја власт и додавајќи кон нив и некои други варвари, им наредил на сите да заминат во поход против, од Бога заштитениот Солун... Зашто ако некој би се претставил на куп, не само во Солун собраните **Македонци**, туку и Тесалиците и Ахајците, тогаш не би се добил дури ни минималниот дел од оние што однадвор го опсадуваа градот...“[191]

614 - 616 год., Чудата на св Димитрија Солунски II. „И така, се случи како што е речено, за време на епископувањето на блаженопаметниот Јован[192] да се крене народот на **Словените** од неизмерно множество на **Драговите**, **Сагудати**, **Велигизити**, **Вајунити**, **Берзити** и други племиња... Притоа, тие опустошиле многу градови и области и еднодушно решиле да го нападнат и разурнат и нашиот христољубив град (Солун), како што направија и со останатите...“[193]

630 год. Чудата на св Димитија Солунски II. „Народот на **Словените**, пак, којшто живееше во близина,[194] не смееше дури ни да се доближи (поради земјотресите), а камоли да го опсади градот (Солун), и тоа оние што отпорано сакаат да го заземат...“[195]

658 год. Теофан Исповедник.[196] Во таа година[197] императорот[198] завојува против **Склавините**, многумина зароби и потчини.[199]

674 - 677 год. Чудата на св Димитија Солунски II. „Често спомену-ваните **Словени**, кои се настанети во близина на овој од Бога чуван град, само

---

[191] *Документи за борбата*..., том 1: 24-29; Miraculorum s. Demetrii martyris liber, Ed. C. Byeus, *Patrologiae cursus completes*, Series, Graeca, t. 116, Paris, 1891, I, 1258 - 14, 1313; Tougard, A. De *L'historie profane dans les Actes grecs des bollandistes*. Paris, 1874: 89-104; Митко Б. Панов, *Македонија и Македонците во византиската*..., 44-45. Lemerle, P. *Les plus anciens recueils des Miracles de Saint Dèmètrius et la penetration des Slaves dans les Balkans*, I. Le texte. Paris, 1979.

[192] Архиепископ Јован, авторот на првата збирка од *Чудата на св. Димитрија Солунски*.

[193] *Документи за борбата на македонскиот*..., 29-31; *Miracuiorum*…, II, 1, 1325-1333; *Tougard*…, 118.

[194] Се мисли на околината на Солун.

[195] *Документи за борбата*..., том 1: 32-33; *Miracuiorum*…, II, 3; *Tougard*…, 140-144.

[196] Теофан Исповедник (ок. 760 - 818), христијански проповедник.

[197] Односно 658 год.

[198] Констанс II, византиски император (641 - 668).

[199] *Документи за борбата*..., том 1: 33; Theophanis Chronographia, Ed. C. de Boor, I, Lipsiae, 1883, 347, 6-7.

навидум го чуваа мирот. Оној, пак, што управуваше тогаш во оваа област, не знам на кој начин и зошто му испрати извештај до богомудрите уши на оној што по Божја волја царуваше над нас,[200] против рексот на **Ринхините** по име Пребонд, дека тој кроел планови против нашиот град со итра и пакосна намера...“[201]

677 - 680 год. Чудата на св. Димитија Солунски II. „Од сите **Словени** кои оттогаш делумно мируваа и го положија своето оружје, единствено оние од **Стримон**[202] (Стримонци) и **Ринхина**[203] напаѓаа и пленеа голем број морепловци... Тогаш господарот на државните работи, од Христа крунисаниот император, гледајќи ја упорноста и дрскоста на непријателите... побара неговата војска преку Тракија и од земјите од другата страна да замине во поход против оние од Стримон...“[204]

688 - 689 год. Теофан Исповедник. „Тој[205] го раскина мирот склучен со Бугарите, растурајќи ги направите и од неговиот сопствен татко определени договори и заповеда коњаничките одреди да преминат во Тракија со цел да ги пороби **Бугарите** и **Склавините**. Во таа година[206] завојува Јустинијан против **Склавинија** и **Бугарија.“**[207]

758 - 759 год. Теофан Исповедник. „Во таа година[208] Константин[209] ги ограби **Склавините низ Македонија**, останатите ги направи покорни.“[210]

758 - 759 год. Анастасиј Библиотекар[211]. „Во осумдесетта година од своето владеење[212] императорот (Константин V Копроним) ги заробил **Склавините од Македонија**, а останатите ги покорил.“[213]

---

[200] Константин IV (668 - 685).

[201] *Документи за борбата*.., том 1: 34-38; *Miraculorim*..., II, 4; *Tougard*..., 48 - 176.

[202] Станува збор за македонското словенско племе Струмјани кои живееле по долината на реката Струма.

[203] Односно племето Ринхини.

[204] *Документи за борбата*..., том 1: 40; *Miraculorum*..., II, 4; *Tougard*..., 178-180.

[205] Императорот Јустинијан II (685 - 689).

[206] Односно 688/9 год.

[207] *Документи за борбата*..., том 1: 40 - 41; *Theophanis*..., I: 364, 5-18.

[208] Односно 758 год.

[209] Константин V Копроним, византиски император (741 - 775).

[210] *Документи за борбата*..., том 1: 42; *Teophani*..., 430: 21-22.

[211] Анастасиј Библиотекар (ок. 800 - 880 год), писател и препишувач на постари ракописи.

[212] Односно 758 год.

[213] *Документи за борбата*..., том 1: 43; *Teophani*..., I: 430, 21-22.

773 год. Теофан Исповедник. „Во месец октомври, 11 индикт, императорот[214] прими вест од Бугарија, од неговите скриени пријатели, дека бугарскиот господар испраќа 12 илјади војници и боили за да ја поробат **Берзитија**[215] и нив **Берзитите**[216] во Бугарија да ги преселат.“[217]

VIII - X век. Страбонов Епитоматор.[218] „И сега[219] исто така речиси целиот Епир, Елада, Пелопонез и Македонија се населени од **Скитите - Словени.“**[220]

783 год. Теофан Исповедник. „Во таа година,[221] кога Ирина[222] склучи мир со Арабите, штом најде можност го испрати Ставрикиј, патриций... против **словенските племиња** со голема војска. Кога тој слезе до Солун и Елада ги покори сите и ги направи поданици на Империјата. Тој навлезе до Пелопонез...“[223]

799 год. Теофан Исповедник. „Во месец март, седмиот индикт,[224] **Акамир,** архонт на **Словените од Велзитија,**[225] подбуцнуван од Хеладејците,[226] посака да ги изведе синовите на Константин[227] и да определи император од нив.“[228]

821 - 823 год. Писмо на Михајло II[229] **до Лудовиг Благочестиви.**[230] „Тома[231] (**Словенот**)..., со тоа што ги собра нашите кораби и дромони имаше

---

[214] Константин V Компроним.

[215] Берзитија била една од македонските склавинии.

[216] Берзити било едно од македонските словенски племиња.

[217] *Документи за борбата…*, том 1: 43; *Teophani…*, I.

[218] Односно Страбонов Епитоматор, кој живеел најверојатно во втората половина на X век и направил повеќе изводи од Страбоновата географија.

[219] Најверојатно се однесува на VIII век.

[220] *Документи за борбата...,* 44; Müller, C. *Geographi graeci minors*. Paris: 574.

[221] Односно 782 год.

[222] Ирина - византиска императорка (797 - 802).

[223] *Документи за борбата на…*, том1: 44; *Teophani*, I: 456, 25 - 457, 11. Пелопонез, според вестите од Консантин Порфирогенит во текот на VIII век, бил целосно словенизиран.

[224] Односно 799 год.

[225] Се мисли на македонското словенско племе Велигизити.

[226] Се однесува на жителите од Средна Грција.

[227] Синовите на императорот Константин V Копроним.

[228] *Документи за борбата*..., 45; *Teophani*, 473, 32 - 474, 1.

[229] Михајло II, византиски цар (820 - 829).

[230] Император на Светата Римска Империја.

[231] Водач на големото востание против власта на византискиот император.

можност да дојде до некои делови на Тракија и Македонија. Доаѓајќи така бргу, тој го опсади нашиот град[232] и го опколи со флотата... како што веќе е кажано, имаше моќна непријателска сила, и тоа не само од оние што горе ги спомнавме туку и од краиштата на Азија, Европа, Тракија, **Македонија**, Тесалија и од **склавиниите** кои беа наоколу.“[233]

836 - 837 год. Житие на Григориј Декаполит.[234] „Еднаш светителот[235] реши со еден од учениците да тргне кон горите од **словенските краишта,[236]** бидејќи се надеваше таму да го најде саканиот мир... А по неколку дена крена водачот на истата таа **Склавинија** големо востание и течеа потоци крв, а околината изгоре од оган...“.[237]

837 год. Ханот Пресијан од Филипи.[238] „Пресијан, од Бога поставениот архонт на многуте **Бугари**, го испрати кавханот Исбул откако му даде војски и боилот Ичиргу и канот боила Коловур. И кавханот против **Смољаните.“**[239]

845 - 855 год. Панонско житие на Методиј.[240] „А (Методиј) не беше од прост род од обете стани, туку од мошне добар и чесен, познат одамна и на Бога и на царот, а и на сета **Солунска Област**, што се гледаше и од неговиот телесен лик. Затоа и учените луѓе што го љубеа од детинство за него зборуваа чесни зборови, а кога разбра царот[241] (византиски) за неговата бистрина, му даде да управува **словенско кнежевство.** А ќе кажам, тој како да предвиде

---

[232] Односно Константинопол.

[233] *Документи за борбата*..., том 1: 47 - 48; Mansi, Michaelis Belbi et Theophili imp. Consatntinopp. Eristola De non adorandis imaginibus ad Ludovicum Pium imp. Romanorum de anno DCCCXXIV. Nova et amplissima colectio conciliorum XIV. Florentiae 1759, col. 418, B-D.

[234] Григориј Декаполит (? – ок. 842), христијански проповедник кој бил противник против иконоборците и бил прогонуван од царот Лав V (813 - 820).

[235] Односно Григориј Декаполит.

[236] Околината на Солун.

[237] *Документи за борбата*..., том 1: 51; Dvornik, F. *La vie de Saint Grègorire le Dècapolite et les Slaves Macédoniens au IX siècle*, 61, 20 -62, 4.

[238] Бугарски хан Пресијан (836 - 852).

[239] *Документи за борбата*..., том 1: 52; Иванов, Й. *Български старини из Македония* (фототипно издание). София, 1970: 3.

[240] Св. Методиј (825 - 885) - словенски просветител и византиски кнез на словенско кнежевство. Заедно со неговиот брат Кирил се смета за еден од создавачите на словенската азбука - глаголица, преведувач на богослужбени книги и еден од најзначајните личности во словенскиот свет.

[241] Императорот Михаил III (842 - 867).

дека ќе биде пратен за **словенски учител** и за прв архиепископ[242] за да ги изучи сите словенски обичаи и по малку да навикне на нив.[243]

За буквите **од Црноризец Храбар.**[244] „Порано **Словените** немале писмо, туку со црти решки броеле и гатале, зашто беа пагани. Откако се покрстија, се трудеа да ја пишуваат **словенската реч** со римски и грчки букви без устројство... Потоа човекољубец Бог, којшто управува сешто и не го остава човечкиот род без разум, туку сешто приведува кон разум и спасение, смилувајќи му се на **родот словенски**, го прати свети Константин Филозоф, наречен Кирил, маж праведен и вистинољубив, којшто им создаде триесет и осум букви, едни по примерот на грчките букви, други според **словенската реч**...“[245]

904 год. Јован Каменијат.[246] „Нам пријателе, татковината ни е Солун и јас прво ќе те запознам со тој град... со големиот и прв град на **Македонците**... Другиот дел од него (Солунското Поле) се протега далеку во копното... Тоа поле опфаќа низ средината на земјата размешани некои населби, едни од нив му припаѓаат на градот,[247] наречени **Друговити**, некои пак **Сагудати**...“[248]

Прва половина на X век. Константин Порфирогенит.[249] Провинцијата Македонија Прва под Конзиларије има 30 (32) града: Тесалоника (Солун), Пела (престолнината на античка Македонија), Европос (Бозаџи), Диос (Малагрија), Верија (Бер), Еордеја (Ријаки, Кожанско), Едеса (Воден), Кали (Кели, Леринско), Алмопија (Меглен), Хераклеја Лаку (Лерин), Антонија, Геминд, Никедис (Велушина, Битолско), Диовур (Дојран), Идомена (Милетково, Гевгелиско), Врагил (Верги, Нигритско), Примана (Корфовуна, Нигритско), Маронија (кај Ѓумурџина), Амфипол (Неохори), Неапол (Кавала), Топирос, Русион, Никопол (Гоце Делчев), Итапол, Акаит, Кереопирг, Арал, Диоклетијанопул (Арменово), Севастопол. Провинција Македонија Втора под

---

[242] Како архиепископ Методиј ја управувал Панонската архиепископија, кога по смртта на брат му Кирил 862 год. засатанал на чело на византиските мисионери во Великоморавија.

[243] *Документи за борбата*..., 54; Теодоров-Балан, А. *Кирил и Методий*, 1, 86.

[244] Црноризец Храбар - анонимен средновековен писател од Преславската книжевна школа од втората половина на IX век и почетокот на X век.

[245] Истото, 63-65; Куев, К. *Черноризец Храбър*. София, 1967: 188-191.

[246] Јован Каменијат бил византиски писател и солунски свештеник во почетокот на X век.

[247] Се мисли на градот Солун.

[248] *Документи за борбата*..., 71-74; Camenitae, I. *De exidio Thesalonicensi*. Ed. Bonn: 490-491, 495-496, 514-546.

[249] Константин Порфирогенит (913 - 953), византиски император и историчар.

Хегемон има 8 града: Столи (Стоби), Аргос (Стари Град, Велешко), Австрејон, Пелагонија (Битола), Варгала (Баргал, Штипско), Келендиј, Армонија, Запара (Цапари, Битолско)... Тесалоника, којашто сега е уредена како тема, исто така е **дел на Македонија**. И за да не ги наведувам странските и старите сведоци за таа работа „веродостоен сведок е Христовиот свети апостол Павле, којшто неа ја нарекува **Македонија**." Тој пишува вака: „Со нас беше Аристарх **Македонец** од Тесалоники." Тесалоника е главен град на Македонија, а и писателот Хиерокле ја привброи меѓу македонските градови.[250]

926 год. Лиудпранд Кремонски.[251] „Кралот Хугон...[252] реши да заврзе познанство и со Грците коишто во тоа време биле управувани од императорот Роман...[253] До него кралот го испрати како пратеник мојот татко... Кога тој пристигна таму... императорот го прими со голема почест, и тоа не поради големите и необични подароци туку поради тоа што некои **Словени** кои се кренаа против императорот Роман и му ја пустошеа земјата, беа нападнати од мојот татко кога доаѓаше во Солун..."[254]

Прва половина на XI век. Григориј Иверискиј.[255] Во житието на овој светец, меѓу останатото, пишува дека во едно село (Libyzasda) на Света Гора живееле „**Бугари** кои **Словени** ги викале."[256]

---

[250] Истото, 78; Меловски, Х. - Проева, Н. „Македонија во делото *De Thematibus* на Константин Порфирогенит (Makedonien un the *De Thematibus* des VII Porphyrogennetos). *Жива антика*, 37. 1987: 19-37.

[251] Лиудпранд Кремонски (ок. 920 - 972 год.), кремонски епископ и писател - хроничар.

[252] Хугон, италијански крал (926 - 947).

[253] Роман I Лакапин, византиски император (920 - 944).

[254] *Документи за борбата...*, 74; Pertz, C. *Liudprandi Antapodosis, Relatio de legatione Constantinopolitana*. MGH SS, III: 306-307.

[255] Григориј Иверискиј е всушност е грузиски монах познат како св. Григориј Хагиорит од манастирот Иврион на Света Гора, по што го добил името Иверискиј.

[256] Проева објаснува дека во овој случај името Бугари се однесува на државно-правната форма, додека Словени било етнонимската форма. Проева, Н. *Трипtих за македонскиот идентитет*. Скопје, 2018: 15; Житието е напишано по неговата смрт, од некојси Ѓорѓи Малиот или Ѓорѓи Свештеник. На англиски: Grdzelidze, T. *Georgian Monks on Mount Athos; Two Eleventh-Century Lives of the Hegoumenot of Iviron*, 2009. На француски: Martin-Hisard, *La vie de la Georges I'Hagiorites, Revue des etudes byzantines*, vol. 64 - 65. Paris, 2007: pp. 5-204.

1072 - 1073 год. Никифор Вриениј.[257] Императорот Михаил[258] тогаш се бореше со големи грижи, зашто Скитите[259] вршеа изненадни напади во Тракија и **Македонија**, а **Словените**[260] го отфрлија ромејското ропство и ја пустеа и пленеа земјата на **Бугарите**.[261] Беа заземени и Скопје и Ниш. Кога пристигна Вриениј, императорот Михаил ја измени својата одлука и реши да го постави за дукс на целата земја од **Бугарите** за да го потисне **словенскиот народ** со негова помош којшто таму беше загосподарил. И навистина, кратко време по своето пристигање во Бугарија, тој до толку ги смири **Словените**, што тие одново мораа да се стават под власта на Ромеите.[262]

1143 год. Нил Доксопатер.[263] „Како Кипарската е и Бугарската црква, независна и непотчинета на никој од црковните престоли, туку самовласно управувана и од свои епископи осветувана. Отпрвин не се викала бугарска, но потоа, бидејќи била завладеана од Бугарите, таа добила име бугарска. Таа остана независна и кога се истргна од бугарска рака и не се присоедини кон цариградската.“[264]

Средина на XII век. Од византиската сатира Тимарион. Денот на св. Димитрија (во Солун) е таков голем празник како Пантеон во Атина или Панјонии во Милет. Тоа е величенствена **македонска** веселба и на неа се собира **народ,** не само тамошниот, **македонскиот**, туку секаков и од секаде: Грци од разни области на Елада, мизиските племиња што го населуваат

[257] Никифор Вриениј, писател - историчар (1062 - 1137), син на прославениот војсководец Никифор Вриениј.

[258] Михаил VII Дука (1071 - 1078).

[259] Под Скити авторот ги смета турското племе Печенези.

[260] Се мисли на македонските Словени на чело со Ѓорѓи Војтех.

[261] Вриениј, кога зборува за македонското востание на чело со Војтех, прави разлика меѓу нив со Бугарите и Ромеите.

[262] *Документи за борбата*..., том 1: 105-106; *Nicephori Bruenii comentarii*, Ed. A. Meincke, Bonae, 1836: 100, 102.

[263] Архимандритот Нил Доксопатер составил извештај за патријаршиските престоли и за нивните потчинети епископства, а по наредба сицијалинскиот крал Роџер II во којшто објаснува како Охридската архиепископија која не била бугарска е наречена како таква.

[264] Ристовски, Б. *Македонија и македонскиот народ*. Матица. Скопје, 2011: 49; Погледи, IV. Скопје, 1967: 110.

пространството дури до Истар[265] и пределите на Скитија, Кампанци, Италијци, Ибери, Лузитанци, Келти од зад Алпите...[266]

Околу 1213/14 год. Димитриј Хоматијан.[267] „Акт на некој **Бугарин** кој во времето на тиранијата на **Драгувитите** бил на чело на епископијата во Бер.“[268]

Меѓу 1217 и 1235 год. Димитриј Хоматијан, синодален акт бр. 72. „Јован наречен Јеракар, зет на Власто (син на) Вратин (син) на Радо, по род **Македонец.**“[269]

1246 год. *Историјата* на Георги Акрополит.[270] „Сер некогаш беше голем град, но Бугаринот Иван[271] го разурна, опсадувајќи го него и други **македонски** градови...“[272]

1313 год. Византиски учен Ефреим. Ефреим пишувал за освојувањето на Солун од страна на Норманите 1185 год.: „Леле, леле, заземен е оној град Тесалоники, велам метрополата на **Македонците.**“[273]

Околу 1358/59 год. Никифор Григора.[274] еден од најголемите византиски историчари: „Најпосле (Теодор I Ангел) го покорил и главниот град Солун, кој е прв во земјата на **Македонците**“.[275]

---

[265] Односно реката Дунав.

[266] *Документи за борбата…*, том 1: 112 - 113; *Добромирово евангелие. Кирилски споменик од XII век*, том 1 (приредил Моше Алтбауер). МАНУ. Скопје, 1973: 36-37. Добр. л. 18; Панов, М. Б. *Македонија и Македонците во византиската*..., 46-47; Timarion, V, 18, ed. A. Ellisen, Anaalecten der mittel-undneugriechishen Literatur IV. Leipzig, 1860: 41 - 186.

[267] Димитриј Хоматијан бил византиски свештеник и охридски архиепископ во периодот од 1216 до 1234 година.

[268] Бошкоски, М. *Имињата*..., 146 - 149.

[269] *Документи за борбата*..., том 1: 121; Pitra, J. *Analecta sacra et classic SPECILEGIO Solesmensi parta*, t. VI Juris ecclesiastici graecorum selecta paralipomena. Parissis et Romanae, 1891: 315.

[270] Георги Акрополит (1217 - 1282), византиски историчар и државник од Цариград.

[271] Односно Иван Асен II, бугарски цар (1218 - 1241).

[272] *Документи за борбата*..., том 1: 121-122; Georgii Acropolitae Opera. Recensuit A. Hainsberg, vol. 1, Lipsiae, 1903: 74-75, 77.

[273] Истото..., 114.

[274] Никифор Григора (1295 - 1360), византиски историограф и астролог.

[275] Gregoras, N. 1, 26, 4 - 5, ВИИНИЈ VI, 153.

Средина на XV век (за XIV век). Историја на Лаоник Халкондил.[276] „Степан[277] стана цар на Трибалите.[278] Тој, откако беше тргнал областа кај Јонското Море, со оган го уништи Епидамн,[279] тргна во **Македонија** и го направи Скопје престолнина... Царот замина од градот Скопје... ги стави под своја власт местата соседни на Касторија.[280] Потоа, откако го крена логорот, покорувајќи сè во **Македонија**, освен Терма,[281] ја прошири војната дури до Сава...“[282]

XIV век. Кратко Кирилово житие[283] „Тогаш[284] цариградскиот патријарх Јован беше подигнал ерес и срам на светите икони. И Светиот собор од престол го симна. А кога кај него отиде Константин Филозоф (подоцна Кирил), и него го посрами и ја изобличи злочестата ерес. Потоа (Константин Филозоф) отиде на **Брегалница** и откако најде од **словенскиот народ** неколку непокрстени и, откако ги покрсти, ги приведе во православна вера.[285] Им напиша книга на **словенски јазик** (во 855 година заедно со Методиј ја напишале словенската азбука глаголица). Тие што ги преврати во христијанска вера беа 54 000...“[286]

Средина на XIV век. Запис на фреските во црквата Св. Ѓорѓи, Баргала, Горен Козјак, Штипско. Запис, врз фреските во црквата Св. Ѓорѓи, Баргала, Штипско. **„**Аз поп Иванко от Штипа, аз Станислав Граматик от Штипа, аз Братан от **Македонија** да додохом на п(-)т...“[287]

---

[276] Лаоник Халкондил (умрел околу 1490) спаѓа во редот на попознатите византиски историографи од доцновизантискиот период.

[277] Стефан Душан, српски владетел (1331 - 1355).

[278] Се мисли на Србите.

[279] Односно античкото име на градот Драч.

[280] Односно градот Костур.

[281] Односно градот Солун, односно старата населба пред создавањето на Солун.

[282] *Документи за борбата…*, том 1: 127-128; *Laonici Chalcocondiae Historiarum*. Ed. J. P. Migne, PG, t.CLIX. Paris, 1866: col. 36, B - 37, C.

[283] Иако текстот се однесува на настани од 847 година, за нас е поважно времето кога е напишано житието и гледиштето на тогашниот автор (од XIV век), кој населението го третира како словенско.

[284] Односно 847 год.

[285] Христианизирањето на македонските Словени било долготраен процес. Се протегал од VII до X век.

[286] *Документи за борбата*..., том 1, 62; Лавров, П. А. *Материалы по истории возникновения древнейшей письменности*. Ленинград, 1930: 154-155.

[287] Росолкоска-Николовска, З. „Црквата св. Ѓорѓи во Горен Козјак во светлината на новите испитувања“. *Зборник „Кирил Солунски“*, кн. 1. МАНУ. Скопје, 1970: 222.

III ДЕЛ



ИДЕНТИФИКАЦИЈАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕВРОПА И ПОЈАВАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНОТО САМОСОЗНАНИЕ

ВЕРСКАТА ИДЕНТИФИКЦИЈА ВО ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА

Со воспоставувањето на власта од османлиската држава на Балканот дошло до радикални промени во сфаќањата на луѓето кои се востановиле и се зацврстиле, и како такви функционирале до крајот на XIX век. Тоа значело дека концепцијата на посебни територијални феудални држави исчезнува, како и етничката и јазичната поделбата, а целокупното општество се дели по верска основа. Административно, земјите на Балакнот влегле во состот на османлиската Провинција Румелија, која го добила името според ромејската држва, односно Источното Римско Царство - Византија, а понатаму Царсвото се делело на вилаети, санџаци, кази и нахии. Според вилаетот, административно, жителите на Балканот се нарекувале и Румелијци, а најбројна верска заедница во Румелија била православната раководена од Патријаршијата во Цариград и неколку други црковни центри меѓу кои и Охридската архиепископија. Сите тие со текот на времето биле укинати и подпаднале под јурисдикцијата на Цариградската патријаршија.

Во големите империи, како што впрочем била и османлиската држава, верата одиграла силна кохезивна улога. Одеднаш, сите оние кои ќе станат муслимани се изедначуваат со владеачкте структури, без оглед на нивната народносна или јазична припадност. Токму затоа, напредокот до самиот врв на државата можел да го достигне кој било од припадниците на различните етноси кои живееле на тие простори. Преку муслиманската вера, сите оние кои ја прифаќале, биле апсолутно привилегирани во однос на припадниците од другите вери кои долго време официјално биле нарекувани како *каури* или *неверници*. Голем број христијани ја прифаќале муслиманската вера како резултат на тешкиот живот, но и по насилни методи. Меѓу првите исламизирани биле некогашните феудалци на средновековните христијански држави. На тој начин, доброволно, тие ги задржувале своите имоти и привилегии, а државата добивала здрави структури за одржување на власта, но и сојузници за новите освојувачки походи. Сè до почетокот на XIX век во Османлиската Империја државата по насилен пат ги одземала најдобрите христијански деца од нивните семејства кои биле исламизирни и воспитувани во тој дух во посебни центри од кои произлегувале најголемите и најспособните војници и војсководци. Тие воени сили претставувле елитна војска, т.н. *јаничари*. Станува збор за многуилјадна војска која е создавана од стотиците илјади христијански деца од разните народности кои живееле во рамките на османлиската држава. Така, на пример, за време на султанот

Сулејман Величенствениот, османлиската војска располагала со 250 000 јаничари. Со прифаќањето на муслиманскта вера од страна на припадници на многу народи каде што владееле Османлиите се создадени одлични предуслови за напредување на припадниците кај сите етникуми со муслиманска религија и долго владеење на пространи територии на три континенти. Од друга страна, со приклучувањето и на поголеми групации и делови од балканските народи власта добивала силен сојузник меѓу исламизираните, со што нивното владеење било драстично олеснето. 1959 година во едно свое дело Блаже Конески ќе забележи: „През турското ропство, сè до XIX век, во народот беше во полна сила верското, тоа што го сеќаваме како сушност во книгата на Кирила Пејчиновиќ - *Огледало* (1816). Турци и каури, потисничка вера и потисната вера - ете ја вековната и најсилната противпоставеност.“[290] Таквото поларизирано општество низ вековите ги бришело идентитетските белези и спомените на средновековните или античките државни традиции, а христијанското потчинето население, без разлика на етничката припадност, се хомогенизирало преку единствената заедничка постоечка институција - Црквата. Како и во средниот век, кога јазикот на сите словенски народи бил нарекуван како „словенски јазик“, така продолжило и во времето на османлиското владеење, кога книжевниот јазик останал да биде словенкиот книжевен јазик за сите народи. Така останало сè до XVIII век и со текот на времето јазикот започнал да се приспособува кон месните словенски дијалекти, па така, науката „од XI/XII век наваму утврдува македонска, српска, бугарска, руска, хрватска и други редакции.“[291] Сè до почетокот на XIX век, односно до формирањето на првите православни етнички држави на Балканот, за османлиската држава и Цариградската патријаршија во нејзините рамки, со терминот „Бугарин“ се означувале сите словенски народи во Царството, а јазикот „бугарски“, а со терминот „Грци“ се означувале православните христијани, вклучително и христијаните Словени. Службената терминологија во Царството несомнено влијаела и врз употребата на тие термини во делата на одредени патописци и особено на некои црковни записи во рамките на Цариградската патријаршија и Османлиската

[290] Конески, Б. *Кон македонската преродба - македонски учебници од XIX век*, второ издание. Скопје, 1959: 9.

[291] Проева, Н. *Трипти*х ... : 18; Fridman, V. „Macedonian Language and Nationalism“. *Balcanica*, II. 1975: 84.

Империја.[292] Истата терминологија, населеdена уште од византискиот период, ја среќаваме и во списите на Охридската архиепископија, вклучително и на црковните лица во Македонија, сè до XIX век. Не случајно нашите преродбеници од првата половина на XIX век, кои први пишувале на народен јазик, го опишувале како „препростејши болгарски език".

Оттаму, денес постојат голем број објавени извори од периодот од XV до XVIII век, во кои на територијата од Македонија живее население кое е бугарско, но и грчко. Тоа го дознаваме од зборниците кои се објавувале во овие соседни држави. Тие податоци укажуваат на долговековното меѓусебно влијание на географски, историски, етнички и религиски блиски народи. Сепак, резултатите од истражувањата покажуваат дека постојат огромен број историски извори во кои македонското име на ова население воопшто не изостанува и е присутно во континуитет, како во Македонија така и во Европа.

ТЕРИТОРИЈАЛНОТО САМОСОЗНАНИЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ

По големите османлиски освојувања на Балканот настануваат драстични промени во целокупниот општествено-политички и културен живот. Именската идентификација кај балканските народи, дали станува збор за политоними или етноними, го губи своето значење во Османлиската Империја која препознавала само верска припадност, односно идентификација.

Се поставува прашањето како во ваков случај може да се следи мислата на човекот од Балканот, особено кога станува збор за идентитетската самосвест. Малиот број зачувани документи за именувањето на балканското население во првите векови на османлиското владеење може да ги следиме преку некои странски писатели кои ги употребувале политонимите од средновековието и за жителите на Македонија се употребувале имињата Грци, Бугари и Срби. Сепак, таквите извори само ги потврдуваат одредените сознанија на западните писатели за некогашното постоење на овие балкански држави и на територијата на Македонија, но не ја доловуваат свеста на нејзиното население.

Сепак, во XV и XVI век некои нови појави во Европа ќе ја променат сликата за идентификацијата на балканското население и населението во Македонија, благодарејќи на хуманизмот и развојот на илирската идеја кои

[292] Ивановъ, Й. *Българетѣ вѣ Македония*. София, 1915.

развиваат свесност за илирските народи на Балканот, меѓу кои, и на Македонците, за што подолу во текстов ќе посветиме посебни наслови.

Многу поважно од доказите за тоа како некои европски писатели гледале на населението од Македонија се доказите како жителите на Македонија мислеле за својата припадност во тие векови. За среќа, постојат записи во Европа од XV до XVIII век за голем број жители од Македонија кои ја напуштиле татковината по османлиските освојувања. Тие продолжиле да живеат и работаат во сосема нова средина во која било потребно да се идентификуваат според географското потекло. Поголемиот број од тие македонски доселеници во западните извори се идентификувани како Македонци. Тој факт докажува дека кај нив била развиено територијалното самосознание до таа мера што многумина истакнати Македонци во Европа на своето име и презиме го додавале атрибутот „Македонец“. Територијалната самосвест била толку силно изрзена што во рамките на Хабзбуршката Монархија и Царството Русија таму каде што се населувале Македонците во покомпактни групи и формирале нови населби ги именувале по името на нивната таковина Македонија. Најстар податок за таа појава се записите за угледниот австриски врховен жупан на градот Красо и бан на Шерењи, Волк Македонски (Wolf **Maczedoniai),** за кого е запишано дека е роден во селото **Македонија** коешто било оформено од доселеници од Македонија.[293] Вакви именување на новооформени населби со македонско име имало и во Царството Русија. Меѓу имињата на новонаселени места во Херсонската Губернија, создадени од имигранти од Балканот, се и: „**Македонов**“, „**Македоновка**“, „**Македони**“, „Скопиевска“, „Куманово“, „Малаја Каратовка“ и „Новиј Полог“.[294] Ова се сосема доволни докази за силната македонска територијална самосвест присутна меѓу Македонците коишто не само што не заборавиле од каде потекнуваат туку истото име станува препознатлив дел од нивниот живот во Европа. Отсуството на политонимите „Бугари“, „Срби“ и „Грци“ кај мигрираните Македонци во Европа се должи на фактот дека политичката припадност на одредени владеачки феудални структури и нивните имиња не одиграле никаква улога во свеста на Македонецот кој исклучиво се врзувал за името на татковината и територијата која со векови и

[293] Матковски, А. *Македонскиот полк во Украина*. Мисла. Скопје, 1985: 17; Sibmacher”s grosses und allgemeines Wappenbuch - Der Adel von Ungarn. Nürnberg, 1894: 59, 87.

[294] Здравева, М. *Македонскиот XVIII и првата половина на XIX век*, 174; Матковски, А. *Македонскиот полк...*, 283-285.

милениуми наназад ја населувале тој и неговите претци. Колективната меморија на народот во кој се вткаени името и традициите е главниот носител на т.н. „протонационализам“.[295]

УЛОГАТА НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ЗА КОНТИНУИТЕТОТ НА ИМИЊАТА НА МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ

Споменот на имињата „Македонија“ и „Македонците“ е од круцијално значење за нивниот континуитетот и за време на османлискиот период, кога средновековниот етноним речиси се губи во огромната маса потчинето население и кога единствената законска идентификација е верската припадност. Исто така, голем дел од писменото благородништво за да ги зачува своите привилегии преминало и ја прифатило религијата на владетелите, со што во нивните семејства брзо и со намера се бришеле тие ознаки. За нив било важно дека тие да се привилегирани муслимани и дека живеат во големата турска Провинција Румелија. Спомените на некогашните средновековни и антички држави најмногу се чувале во манастирите и црквите, каде што се наоѓале и чувале некаде повеќе а некаде помалку средновековните ракописи, книги и документи. Што се однесува до Македонија и Македонците, во манастирите, црквите, но и во многу домови се чувале спомените преку најважната книга на христијанството - Библијата, која воедно е и најраспространета книга секаде каде што опстојувале христијаните. Во неа имињата на Македонија и Македонците се напишани на повеќе места, а посебно во мисијата за ширење на христијанската вера преку апостолот Павле. Практично, Библијата овие две имиња ги претворила во неизбришливи и незаборавни.[296]

Од времето на владеењето на султанот Мехмед II (1451 - 1481) постојат записи за Македонците, односно тоа е време кога сè уште имало живи сведоци кога Македонија потпаднала под османлиска власт. Така, во еден запис во Посен триод, кој се чува во Москва и зборува за претворањето на црквите во џамии, стои и тоа дека султанот допуштил големи религиозни насилства над **Албанците и Македонците** поради дадениот отпор.[297] Македонците се споменуваат на почетокот од XV век во едно писмо кај гревенскиот митрополит Неофит; кога зборува за населувањето на турското население во

[295] Хобсбаум, Е. *Нациите и национализмот по 1870*. Култура. Скопје, 1993: 68-115.

[296] Оттаму и рашириот меѓу народот назив за Македонија како „библиска земја“.

[297] Снегаров, И. *История на Охридската архиепископия*, патр., II, 40-43; Димовски, С. *Македонските општествено-културни текови*..., 229-230.

диецезата на Охридската архиепископија (коњарите и Јуруците), вели дека тие се населиле на место од „**Македонците**“ во „**Јужна и Централна Македонија**“.[298]

Охридските архиепископи за време на владеењето на Османлиската Империја освен што се грижеле за христијанската паства со различни етникуми, често преземале и сериозни иницијативи низ Европа за воена интервенција од страна на христијанските држави, како и подигање востанија. Во нивните писмени апели се застапувале за ослободување на христијаните од различни балкански земји, меѓу кои, се наведува и Македонија, а во некои од нив и Македонците. Понекогаш охридските архиепископи се упатувале надвор од османлиската држава за да бараат финансиска и материјална помош. Кога станува збор за документите, односно писмата од Охридската архиепископија, најчесто во своите титулари ги споменуваат земјите под нивна јурисдикција, па така меѓу тие земји често се споменува Македонија.

Архиепископот Гаврил, во своите титули ја набројува и Македонија[299]. Тој во придружба на прилепско-пелагонискиот митрополит Еремиј, гребенскиот митрополит Софроније, повеќемина архимандрити, архиѓакони и 13 слуги, во 1586 година заминале за Русија каде што биле примени од рускиот цар Фјодор Иванович (1584 - 1598) и побарале материјална помош за да се откупат од Турците Османлии црковните задужбини и долгови од 60 000 аспри на манастирот Св. Маченица Параскева во „Македонија до албанските граници“, односно, станувало збор за храмот Св. Петка во селото Велгошти, Охридско.[300] Истиот архиепископ во неговото писмо до австрискиот надвојвода Фердинанд во 1587 год. се потпишал како „патријарх на Бугарија, Србија, Македонија, Албанија, Богданија[301] (Ботанија) и Унгаро-Влахија.“[302] Овој подвижен архиепископ при неговата посета на австрискиот цар Рудолф II и надвојводата Фердинанд, потпишано на 8 октомври 1587 година во Инсбург,

---

[298] Димовски, С. *Македонските општествено-културни текови*..., 228; Gelzer, del wiederauf-gefgefundene kodex de hl. Klemens und andere auf den Patriarchat Achrida bezügliche Urkundensammlungen, Berichte über die Verhandlungen der königlich sächsischen Gesellschaft der Wissenschaften zu Leirzig. hist. klasse, 55, B, 1903, II, 54.

[299] Снѣгаровъ, История на охридската архиепископия ..., 379, 385, 386 и 388.

[300] Трајановски, А. *Црковната организација во Македонија и движењето за возобновување на Охридската архиепископија од крајот на XVIII и во текот на XIX век - до основањето на ВМРО*. ИНИ. Скопје, 2001: 31-32.

[301] Станува збор за Молдавија.

[302] Истото, 32; Снѣгаровъ, И. „Од падането и под Турците до нејното унищожение (1394 - 1767)“. *История на Охридската архиепископия*, том 2. София, 1995: 379.

ја прикажал тешката состојба на верниците и свештениците во „цела Македонија, Грција и другите земји“ и во неговата титула се спомнати, покрај седиштето Охрид, и земјите врз кои Охридската архиепископија имала јурисдикција: Бугарија, Србија, Македонија, Олтенија, Богданија и унгарска Влашка.[303]

Покрај споменатите архиепископи тоа го правеле и архиепископите Симеон, Филотеј, Атанасиј, (Athanasius Dei Gratia archiepuskopus Primae Iustinianae, Achridiensis, **Macedoniae**, Bulgariae, Albaniae, Vallachiae, Moldaviae, Lithuaniae…) Јоасаф, Мелетиј, Харитон и Атанасиј II, Зосим I, Григориј (Grigorios eleo theou archiepiskopos tis protis Ioustinianis Achridon **Makedonias** te kai ton loipon patriarchis.), Зосим II (Zosimos eleo theou archiepiskopos tis Ioustinianis Achridon, Servias, Boulgarias, Arbanitias, **Makedonias** kai ton loipon patriarchis) и тн.[304]

Во периодот од 1643 до 1664 година архиепископот Харитон испратил повеќе од 14 грамоти до руските цареви за барање помош и милостиња и во нив се потпишувал како: Харитон, по Божја милост, архиепископ на Јустинијана Прима од Охрид, патријарх на Србија, Бугарија, Македонија, Албанија, на западот и на други области.[305] Во други негови грамоти Македонија е прикажана како „Втора Македонија“.[306]

Писмата на охридските архиепископи најчесто биле испраќани надвор од Македонија, со што можеме да заклучиме дека и на таков начин се чувало македонското име во Европа. Благодарејќи на тие документи кои се зачувани до ден денешен, во поголемите европски центри имаме непосреден доказ за континуитетот на употребата на етнонимот „Македонци“ и топонимот „Македонија“.

Благодарејќи на постоењето на Охридската архиепископија и титулирањето на архиепископите во нивните обраќања, името на Македонија се споменува и во документите на другите православни цркви; во томосот и кореспонденцијата на Цариградската патријаршија. Така, во томосот веднаш по името на архиепископот стоело: „Archiepiskopis tis a Iustianis Achridon kai

[303] Миноски, М. „Врските на охридскиот архиепископ Гаврил со Австрија“. *Гласник*. ИНИ. Скопје, 1973: 138-150.

[304] Славко Димовски, Македонските ... , 230 – 231; Никола Милевъ, Охридския архиепископъ Атанаий и скитанията му в чужбина 1597 – 1615, Известия на Историческото дружество в София, 1922, кн. 5.

[305] Трајановски, А. *Црковната организација*..., 34-35; Централний государственiй архив древних атав - Москва, Греческие грамоты 1557 - 1718, фонд 52, опис 2, (1654 Февраля 4, Но 506).

[306] Истото, 35.

pasis deuteras **Makedonias**, Bulgarias, Serbias, Alvanias, Pontou dytikou kai ton loipon.“[307] Цариградскиот патријарх Јеремија I на архиепископот Прохор му се обратил со: „O makariotatus archiepiskopos tis protis Ioustinianis, itoi ton Achridon, **Makedonias**, o en agio pneumati agapitos sdelphos kai syllitourgos prohoros.“[308]

Александрискиот патријарх Јоаким во обраќањето кон охридскиот архиепископ Прохор, во писмото го титулира со „светејши и преблаженејши архиепископ (е) првие Јустинијане **Македонам**, Болгаром и Серблем по духи светоме возљубене брате и сослужбениче кир Прохоре.“[309]

Исто така, источните патријарси во едно писмо до охридскиот архиепископ Гаврил од 1585 година пишувале: „...peri tou makariotatou archiepiskopou kai patriarhu tis pretis Iustiianis Achridon kai pasis **Makedonias**, Boulgarias, Servias, Alvanias, Moldovlachias, Ougrovlachias kai ton loipon, kyrio Gavril, tou en agio pneumati agapitou adelrhou imon kai sillitourgou tis imon metriotitos.“[310]

Во 1707 година охридскиот архиепископ Зосим II се титулирал како „архиепископ на Јустинијана, охридски, српски, бугарски, албански и **македонски** и... патријарх.“[311]

Охридската архиепископија со своите активности и документи, неспорно, била заштитник и на другите балкански народи и земји. Од претходно наведените документи гледаме дека името на Македонија и на Македонците исто така било употребувано во рамките на Охридската архиепископија, што несомнено одиграла значајна улога за зачувување на идентитетското име.

ИЛИРСКАТА ИДЕЈА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ГРАДЕЊЕТО НА СВЕСТА ВО ЕВРОПА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ КАКО ИЛИРСКИ (СЛОВЕНСКИ) НАРОД

Со доаѓањето на Османлиите на Балканот бугарското и српското име во Македонија не можеле да се задржат кај народот во Македонија затоа што тоа име не било етничко, туку поданичко коешто го користеле владеачките елити, високите државни канцеларии, како и црковните структури. Идентитетите на владеачките структури биле далечни од колективната

[307] Димовски, С. *Македонските општествено-културни текови*..., 231-232; *Gezler*..., 49 (3-4).

[308] Истото..., 232; Снѣгаровъ, И. *Историја*..., том II: 338.

[309] Истото.

[310] Истото..., 232.

[311] Белчовски, Ј. *Историските основи*..., 72.

меморија на Македонците. Изворите покажуваат дека припадноста кон територијата имала пресудно значење за идентитетското име кај балканските народи, особено кај Македонците.

Главната иницијална каписла за зачувување и реафирмирање на етнонимот „Македонци“ како словенски народ се наоѓала во раѓањето на илирската идеја, која своите прапочетоци ги има од XV век, поттикната од европскиот хуманизам и ренесанса. За таквата улога ни сведочат бројните географски карти, хералдиката, историските и прозните дела, како и документите создавани во периодот од XVI до XIX век.

Но и еден друг важен настан во Европа ја поттикнал оваа идеја. Всушност, од втората половина на XV век Папската Држава започнала една голема пропагандна активност со која се пропагирала „илирската идеја“ со цел покатоличување на целиот Балкан. Конкретно, папата Никола V 1453 година го основал Илирскиот завод „Св. Јероним“ во Рим.[312] Сè до 1485 година во актите на Римската конгрегација за означување на Јужните Словени се употребувал терминот „Славјенин“, а од таа дата само „Илир“.

Ваквата радикална промена на етногеографскиот назив од „Словени“ во „Илири“ на Балканот, кој асоцира на пространата римска провинција, укажува на една нова тенденција на Папската Држава која е поврзана со нејзината нова стратегија на Конгрегацијата. Во актите во Конгрегацијата од 1485 година се јавува и изразот *natio illirica*, а од 1496 година и *nationis Illyria*.[313] Еден од првите географи на XV век Енеја Солвио Пиколомини, претставник на италијанскиот хуманизам, Јужните Словени ги нарекува *Illyricae gentes*, односно „илирски народ“.[314] Според истражувањата на Петар Влаховиќ, во литературата од тој период смислата на зборовите *natio* и *nations* првпат во Европа се употребила во Германија во XV век и означува „суверена општествена заедница“.[315] Името илирски народ лесно било прифатено и од хрватските хуманисти како симбол на словенското обединување, за кое исто така често пишувале. Хрватскиот преродбеник Павле Ритер Витезовиќ (1652 - 1713) во неговата книга *Кроника* (1696), каде што ја изложил својата

[312] Најпрвин заводот служел како пансион и болница за лечење на јужнословенските аџии во Рим, а подоцна служел за образување на идните католички мисионери кои ќе ја шират католичката вера на Балканот.

[313] Матковски, А. *Грбовите*..., 55.

[314] Mažuranić, V. *Dodatci uz prinose za hrvatski pravno-povjesni rječnik*. JAZU. Zagreb, 1923: 24.

[315] Vlahović, P. *Narodi* ... : IX.

пансловенска идеја, вели дека Илир, Словенин, Славенац или Словинац е едно исто и дека илирскиот јазик е всушност словенски јазик. Името било прифатено не само од Хрватите во Далмација, под влијанието на Папаската Држава, туку и во деловите од Хрватска под Хабзбуршката Монархија, а истото важело и за Словенците. Покрај католиците, илирската идеја ја прифатиле и протестантите. Идејата која зазела широк простор и одобрување се развивала до идеја за создавање „илирски литературен јазик“ што требало да биде разбирлив за сите Словени.

Во литературата Илирите се делеле според традиционалните имиња на земјите коишто ги населувале: Македонци, Бугари, Срби, Хрвати итн. Во духот на Папската Држава и нејзината пропаганда за илирските народи на Балканот, кои перспективно требало да влезат под нејзини закрила, во тамошната литература (од XV до XVIII век) може да ги сретнеме и имињата на античките народи и држави со кои биле нарекувани жителите и територииите од антиката. Такви биле Мизите, Трибалите, Епирците, Тесалијците итн.

Без оглед на тоа што европската идентификацијата на Македонците била поврзана со името на територијата или античката држава, таа имала огромно значење за зачувување на тоа име и како етноним на словенски (илирски) народ на Балканот.

Во XVIII век била формирана посебна „илирска канцеларија“ и сите јужнословенски народи на некогашната територија од доцноримската Префектура Илирик биле нарекувани со едно име - „илирски“ народ. Таму, а најмногу во Војводина којашто била во нејзиниот состав, живееле и работеле луѓе од Македонија, ги среќаваме под називите Македонци, Грци, Цинцари, Мацедовласи, но Македонците често се претставувале како Турци, бидејќи биле турски поданици.[316]

МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ НА ГЕОГРАФСКИТЕ И ЕТНОГРАФСКИТЕ КАРТИ ОД XV ДО XVII ВЕК

Уште од 1490 година во Рим биле реобјавени картите на Клавдиј Птолемај (II век) во кои Македонија го зазема вистинското географско место. Сè до таа година учените луѓе од Западна Европа намале претстава каде се наоѓа Македонија, „меѓутоа, со развитокот на морепловството во XV век почнала да се развива и картографијата.“[317] Во средината на XVI век основачот

[316] Матковски, А. *Македонскиот полк* ... : 49.

[317] Матковски, А. *Грбовите*..., 54.

на модерната научна картографија, Герардус Меркатор (1512 - 1594), ја изработил и првата карта на Македонија која била испечатена во Дуизбург 1589 година,[318] а потоа препечатена во Амстердам 1628 година. Во таа карта се одбележани македонските градови со словенски називи Солун, Прилеп, Стоби, Скопје и др. Името „Македонија“ на европските мапи, почнувајќи од XVI па сè до XIX век било речиси неизбежно, без оглед на тоа што не постоела државна творба ниту, пак, некаква провинција со тоа име во рамките на Османлиската Империја.[319] Илија Петрушевски направил стручен увид во поголем број на географските, етнографските и историските карти кои се издавани во европските центри во периодот од крајот на XV, па сè до почетокот на XIX век во кои е обележена територијата и името на Македонија, без оглед на тоа во кој контекст е претставена земјата. Да набројиме дел од нив: F. Rosselli (Југоисточна Европа), кон крајот на XV век, приложена на трудот Bafni, F. „Two Italien mons of the Balkan Peninsula“. *Imago mundi,* XI. Stocholm, 1944; Benventano, N. *Tabula Moderna Polona, Ungarie, Bosnie, Germanie, Rusie, Litvani*, 1507, (ONV. K. 393); Münster Sebastian, *Neuw Griecheland mit ondern anstossenden Ländern wie es zu unsern zeiten Beschriben* ist, 1544 (НБСРС[320] кр I, 21); Sophianus Nicolas, *Totius graeicae descripto*, Romae, 1552 (BM-MR[321] 200(1)); Gastaldo Jacobo, *Graeciae universal secundum lodiernum situm Neoterica description*, Venetis, 1560, (BM - MR c.2, d5); Gastaldo Jacobo, (Југоисточна Европа). Venetis, 1570 (BM - MR K 113.1); Mercator Gerhard, *Macedonia Epirus et Aclaia*, Duisburg, 1589, [BL - MR48.50 (2)]; Mercator Gerhard, *Nova Totius Graeciae description*. Duisburg, 1589, [BM - MR 44850(2)]; Mercator Gerhard, *Walachia Servia, Bulgaria, Romania*, Duisburg, 1589, (НУБ,[322] КО, К3); *Turciei Imperii Descriptio*. Francfort a Mayn, 1597, [BM - MR 43,305 (10)]; *Macedonia, Thesalia Epirus*, 1600?, (BNF 60 B24661); Blaeu Guilaulnus, *Macedonia, Epirus et Achaia*. Amsterdam, 1642, (BM -MR K113.92); Graeciae, Venetia, 1646, (НБС Кр 765); Lauremberg Johannes, *Macedonia Alexandri m patria*. Amsterdam, 1647, (BM - MR

[318] *Atlas Sive Cosmographicae Meditationes de Fabrica Mundi et Fabricati Figura*. Duisburg, 1595.

[319] Петрушевски, И. *Македонија прикажана на карти до 1800 год.* (студија во ракопис), Љуботен - Скопје, 1995; *Студија во ракопис на обработени стари мапи* (лична архива на Илија Петрушевски), Скопје.

[320] НБРСР - Народна библиотека на Социјлистичка Република Србија - денес Република Србија.

[321] Скратеницата „BM“ означува Британски музеј кој подоцна се ознчува и со „BL“, што е скратеница за Британска библиотека.

[322] НУБ - Народна универзитетска библиотека. Станува збор за НУБ „Климент Охридски“.

К II/89); Sanson Nikola, *Partie de Turqie en Europe*. Paris, 1648, (АМ,[323] збирка на мапи (ЗМ) 34/15); P. Mortier, *Macedonia Alexandri m patria*, 1730, (АМ - ЗМ, 56/1); Donckerts, J. *Accuratissimo et Maxima totius Turciei Imperii*. Amsterdam, 1650, [BL - MR 43.305(1)]; Danckert(t)s Joan, *Regni Hungariae Graeciae et Marae at Regionum guae ei quondam Suere Christiani ut Transilvaniae, Valachiae, Moldiviae, Bessarabiae, Bosniae, Sclavoniae, Serviae, Bulgariae, Romaniae, Dalmatiae, Morlachiae, Ragusanae Republicae, Maximaeq Partis, Danubii Flaminis*. Amsterdam, 1650(?), (BM - MR 43.315.9); Mriette Pierre, *Carte generlle de l'Empire*. Paris, 1650, (BM - MR K II 64); Mriette Pierre, *La Partie Septentrionale de la Turqie en Europe*, Paris, 1651, (BM - MR K 113.25); Ellas = *Grecia Sophiani*, Amsterdam, 1652 (BNF[324] 60 B 24666); Sanson, Nicolas d'Abbevile, *Estats de l'empire du Grand Seigneur des Turqs ou Sultan des - Otomnsen sie en Afrique et en Europe*. Paris, 1645, (АМ - ЗМ II/21); Sanson N.(icolas), *Estats d L'Empire des Turqs en Europe*. Paris, 1655, (BM - MR K 113.12); Laurenberg Johanes, *Eirae Seu Graecia universa*. Amsterdam, 1657 (?), (B.M - MR K II 64); Du Val Pierre, *Pyrrhi Regis Epirotarum Expeditiones, per Macedonian, Italian, Sicilian et Peloponesum*. Paris, 1657, (АМ - ЗМ, II/10); Sanson Nicolas, *Illyricum Orientis inquo Partes il Moesia et Thracia: Provinciare XI Moesia Prima sive Superior Praevalis, Dardania, Dacia Ripsts, et Mediteranea Moesia, Secunda, sive Inferior et Skythia, Thracia, Hoemimontus, Rodope et Europ*. Paris, 1660,(АМ - ЗМ, 56/7); *Hungry with Turky in Europe*. London, 1680, [BL - MR 24195 (42)]; Sanson Nicolas, *Partie Meridionale de la Torquie en Europe sant les Beglerbeglier de Romelie et de la mer*. Paris, 1670, (BNF GOB 24651); Cantelli Giacomo, *Merry William, States*. London, 1683, [BM -MR 315 (12)]; Cantelli Giacomo, *La Macedonia*. Roma, 1689; *Acurate Landkarte des Königreich Hungarn des Fürstenthumer Siebenburgen, Moldau nd Wallachen wie uch Griechelandes und More sant dem Weltberuffnen Donau*. Amsterdam, 1690 (?), (DAHZ[325] A IV 9); *La Turqie en Europe Ou sant les Etats pose dez par les Tures jusqu en*. Pariz, 1690, (НБС, Кр I 9); Valk Georg, Valk Leonard, *Graeciae et Arhipelago divisus in singulars 109egions Macedoniae, Epiri, Thessalie, Achaive et Moreae, quibus cedunt insulae Candia, Corcyra, Cephlonia, Zacyntos, Stlimine, Metelino, Chius*, et.c., Amsterdam, 1690, [BM - MR 44.580 (6)]; Sanson Nicolas, Estats de l'Empire des Turqs en Europe, Pris, 1696, (BM - MR 43.315/1.2.); Vandere Pierre, *L Grece*. Paris, 1696 (?), (НУБ); Vandere Pierre, *Turquie en Europe*. Paris, 1696, (НУБ);

[323] АМ - Архив на Македонија, денес Државен архив на Република С Македонија.

[324] BNF - Национална библиотека на Франција.

[325] DHZ - Државен архив на Хрватска - Загреб.

G. de Rossi, *Mercurio Geographico - Macedonia, Epiro Livadia, Albania e Ianno Diuise nello sue parti principali da Giacomo Cantelli da Vignola*… Roma alla Pace con Privilegio 1688.

Меѓу картографските изданија се наоѓаат и такви во кои има и етнографски описи на Македонија. Така, во едно од изданијата на Меркатор, атлас од 1589 година во кој под името „**Склавони**“ посебно ги набројува и следниве народи: **Срби, Бугари и Македонци**.[326] Во 1649 год. Сансон Николас издал карта под наслов *Graeciae*. Во таа карта на Грција, исто така, е одбележана и Македонија одделена од Грција со гранична линија. Во 1665 година авторот на картата за Македонија, И. Лоренбергио, појаснува дека „**словенското население во Македонија било наследник на Александар Македонски**, поради што ја именувал и картата по тој славен антички владетел на Македонија.“[327] Од овие три географски карти со одредени етнографски описи заклучуваме дека во првата карта од 1589 година на територијата од Македонија живее словенско население по име Македонци, кои се различни од соседните словенски народи Срби и Бугари. Во втората карта, не само што јасно е разграничена територијата на Македонија од Грција туку уште појасно е назначено дека во овие две земји во рамките на Османлиското Царство живеат два различни народи: Грци и Славомакедонци. Во третата карта од 1655 година словенското население од Македонија е означено како наследник на Александар Македонски.

МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ ВО ХЕРАЛДИКАТА ОД XV ДО XVII ВЕК

Покрај повторното појавување на Македонија кај европските географски карти, во хералдиката, односно во старите грбовници, уште од крајот на XVI век се појавуваат земските грбови каде што живееле Словените. Издавањето на грбовниците на јужнословенските земји произлегува најмногу од издавачите во Хрватска и Босна и Херцеговина, а нивната главна намена била прикажувањето и желбата за обединувањето на словенските народи на Балканот за нивна афирмација и целосно ослободување, иако, како што видовме претходно, сето тоа било поттикнато од Римокатоличката црква која преку ширењето на католицизмот на Балканот би се остварила и идејата за

[326] Mercator, G. *Italiae, Sclavoniae et Graeciae tabulae geographicae*. Duisburg, 1589; Димевски, С. *Македонските општествено-културни*..., 222.

[327] *Maceodonia Alexandri M. patria Illustris*, Auctore I. Laurenbergie. Димевски, С. *Македонските општествено-културни*..., 223.

обединување. Првиот грбовник создаден од Петар Охмучевиќ меѓу 1584 и 1594 година, меѓу останатите грбови од словенските, односно илирските земји и општиот илирски грб, го има и грбот на Македонија - златен лав со круна на неговата глава врз црвен штит со германска круна. Од таа година, речиси без исклучок, грбот на Македонија, идентичен или мошне сличен, е присутен во хералдичката литература, односно грбовниците до крајот на XIX век, кога лавот започнал да се користи и на востаничките знамиња во Разловечкото, Кресненското, односно Македонско, како и Илинденското востание. Благодарејќи на херладиката и сите познати македонски грбови, објавувани од 1595 година па сè до крајот на XIX век, Македонија била препознатлива како илирска или словенска, а не грчка земја. Така, македонскиот грб се среќава во следните грбовници: грбовникот на Кореник-Неорик од 1595 год.; грбовникот на Палиниќ од крајот на XVI и почетокот на XVII век; трудот *Il Regno de gli Slavi* на Мавро Орбини од 1601 год.; Алтхајновиот грбовник од 1614 год. од Болоња; грбовникот што се чува во Музејот на применета уметност во Белград од 1620 год.; грбовникот на Марко Скороевиќ од 1636 - 1638 год. во Виена; Белградскиот грбовник од околу 1640 год.; Фојничкиот грб од 1675 год.; трудовите на *Charles du fresne sieur du cange* од 1680 год.; Оловскиот грбовник од 1689 год.; Берлински грбовник од крајот на XVIII век; Ракописна стематографија на Павле Ритер Витезовиќ од 1694 год.

МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЛИТЕРАТУРАТА И ДОКУМЕНТИТЕ ОД XV ДО XVII ВЕК

Во претходно цитираните извори од средниот век се гледа дека имињата Македонија и Македонци не се изгубиле од свеста на луѓето, а името Македонци започнало полека, со мали прекини, но сигурно да станува заедничко име на жителите од Македонија и како такво фигурирало во изворите од почетокот на XII век, па сè до крајот на XIV век.

Од XV век, покрај употребата на името за земјата Македонија во картографијата и хералдиката, употребата на името за нејзиното население Македонци како словенското население во Македонија, се среќава и во историските дела. Извесно иселување на Македонците во правец кон Хабзбуршката Монархија имало по конечното завладување на Османлиите со Македонија и по неуспешното востание на Скендербег (1443 - 1479). Според постојните прикажани извори во натамошниот текст, кои не се малку на број, до крајот на XVII век спомените од некогашните земји, држави и народи не

биле сосема избришани. Почнувајќи од XV век, кога Македонија заедно со поголемиот дел од Балканот била под османлиска власт, записите од западноевропските земји, благодарејќи најмногу на хуманизмот и ренесансата, сè уште сведочат за постоењето на земјата Македонија и Македонците. Но со појавата на испечатените атласи во коишто Македонија е лоцирана во согласност со денешната географска положба и со појавата на многубројните приказни и романи за Александар Македонски, поттикнати од европскиот хуманизам и ренесанса, темата за Македонија и Македонците се вратила на „голема врата“. Според Матковски, „бидејќи во XV и XVI век се знаело дека на античката територија Македонија нема повеќе антички народи и дека ја населувале, главно, Словени и бидејќи хрватските хуманисти, а преку нив и цела Западна Европа, Александар Македонски го сметале за ’Словен‘ или ’Илир‘..., името Македонија го губело античкиот и сè повеќе добивало словенски карактер.“[328] Во најраната биографија за Скендербег, напишана од Марин Барлети 1508 година, голем дел од неговата војска ја составувале, покрај Албанците, и „Словените“ кои живееле во источните предели на денешна Албанија и западниот дел на Македонија.[329] Сепак, во неколкуте реизданија на ова дело на италијански, француски, англиски, германски, полски и други јазици, многу често населението на Охрид, Дебар, Полог, Модрич, Мокра се нарекува македонско, илирско, а поретко и бугарско или трибалдско.[330]

Но пред тоа, во XV век, во делата на западните автори повеќе го среќаваме името на населението како „Македонци“. Така, бургунтскиот витез Бетрандон де ла Брокиер, кој патувал низ Балканот во 30-тите години на XV век, значи човекот кој се уверил на самото место, јасно ги разграничува сите народи кои живееле во јужниот дел на Балканот: **Македонци, Власи, Албанци, Грци, Бугари и Срби**. Слични се податоците и во проектот на Павле Мавроцен (1461 - 1462) за експедиција против Османлиите изработен во Рим. И Џовани Марија Анџиолело (1470) од италијанскиот град Винченца, кој војувал против Османлиите и подоцна бил турски заробеник, напишал дневник во кој прецизно ја издвојува Македонија од другите земји во Империјата, како и припадноста на **Македонците** различна од **Грците** и

328 Матковски, А. *Грбовите*..., 54.

329 Barleti, M. *Historia de vita et gestis Scanderbegi Epirotarum principis*. 1508.

330 Босотова, Љ. „Нашите краишта и луѓе во биографијата на Скендербег од Марин Барлети“. *Историја*, год. X, бр. 1. Скопје, 1974: 297, 302 и 306.

Власите. Феликс Патенчиќ (1505) три години пред објавувањето на Барлети, во своето дело описно ги разграничува земјите на Македонците и Бугарите: „Кога ќе се тргне од Скопје се минува низ Жеглиговската Рамнина, Конопнишката Долина, Бербушката Бања и **Стримонскиот мост, кој ги дели Македонците од Бугарите.“**[331]

И во руските извори од овој период се среќаваат документи во кои одредени свештеници се изјаснувале дека припаѓаат на „народ по име македонски.“ Тоа не значело дека во османлискиот период не егзистирале и други имиња. Сепак, и со следните прикажани документи јасно е нагласена посебноста на името Македонци во континуитет.[332]

Некои од нив уште по завладувањето на Македонија од Османлиите се преселиле во Хабзбуршката Монархија, а некои подоцна. Такви примери се: во денешна Војводина живеел благородник по име **Данчо Македонски (Danch Maczedoniai)** од 1439 год., дојден од Македонија,[333] **Паунко Македонац, Никола Македонец** од 1526 год., феудалец кој се замешал за престолот во хрватско-унгарските борби, **Ладислав Македонски (Ladislaus Macedoniai),** владика во Вараждин од 1533 год.**, Волк Македонски (Wolf Maczedoniai),** врховен жупан на Красо од 1552 год., семејството **Македонски (Maczedoniai)** и др.[334] Еден од познатите македонски интелектуалци и првиот печатар од Македонија, Јаков од Камена Река, во поговорот на неговата книга *Часослов* од 1566 год., меѓу другото, запишал: „Излегов од **Македонија, татковината моја** и влегов во западните земји близу до стариот Рим, во градот Венеција...“[335] Оваа порака од, како што самиот напишал „недостојниот и

---

[331] Ичирков, А. *Изследования за Македония*, 6; Најденов, П. „Македонска волја“, додаток на весникот *Народна волја*, септември - октомври.

[332] Блаже Ристовски сметал дека народносното име на Македонците било изгубено во османлискиот период сè до XIX век, кога повторно се афирмирало и притоа смета дека до тој момент „бугарското име егзистирало континуирано во Македонија, но без никаква народносна свест за некакво етничко или културно единство со Бугарите со кои ги делела и географијата, и историјата, и економијата, и трговијата.“ (Ристовски, Б. *Македонската нација*..., 66.). Сепак, вакавата теза не може целосно да ја прифатиме заради фактот што од XV до XIX век постојат силни докази за континуитетот на македонскиот етнички елемент, а бугарското име било употребувано како резултат на службената употреба на тој термин со кој се нарекувале Словените во рамките на Османлиското Царство и Цариградската патријаршија.

[333] Матковски, А. *Грбовите во Македонија*. Скопје, 1970: 182.

[334] Здравева, М. *Македонскиот XVIII и првата половина на XIX век*. ИНИ. Скопје, 2014: 118-119, 182-183; Матковски, А. *Грбовите...,* 1970: 182.

[335] Од поговорот на Јаков од Камена Река; *Часослов*. Венеција, 1566.

најмал меѓу луѓето наречен Јаков“, нѐ упатува на тоа дека не била изгубена свесноста на луѓето дека нивната татковина е „Македонија“, а не дека се тоа царставата и кралевствата кои владееле со нивната татковина. Со други зборови, иако не можеме да го прифатиме како правило, сепак територијалната самосвест е карактеристика на обичните луѓе кое се разликувало од државната идентификацијата на елитите кои владееле со запоседнатите територии. Јаков напишал дека потекнува од свештеничко семејство, а од напишаното во поговорот станува јасно дека неговиот мајчин јазик бил словенскиот јазик, оној кој се говорел во неговиот роден крај.

Во 1661 година во Москва дошол некој Софроний кој се претставил како митрополит на Филипопол и Драма и барал милостина во име на народот познат како македонски - **„въ народ извёстній подъ именемъ Македонскаго.“**[336]

Мелетиј Македонски бил познат печатар во Романија во периодот од 1635 - 1642 год.[337] Имено, во 1636 год. бил испечатен црковнословенски псалтир во Кемпелунг, во печатницата на угровлашкиот господар Матеј Бесараб од страна на издавачот **Мелетиј Македонски**.[338]

Покрај доселените Македонци во Европа, најзаслужни за реафирмација на македонското име и словенскиот карактер на Македонците во XVI век се и хрватските хуманисти кои работеле и живееле, пред сѐ, во Дубровник, Далмација под власта на Венеција или во некои градови во Хабзбуршката Монархија. Всушност, меѓу хрватските хуманисти се раѓа идејата за возобновување на едно големо сесловенско царство во коешто би биле вклучени сите балкански земји во кои живееле Словени, наречено „Илирско Царство“, во чиј состав влегувле сите словенски земји под Османлиска и Хабзбуршка власт од сите вери. За таа цел тие пишувале книги за Словените, кои во тој период добиле зедничко име „Илири“. За првпат тој термин се појвил 1483 година, а уште порано на Балканот се среќавал терминот „илирски

---

336 Истото, 167.

337 Георгиевски, М. „Печатарска дејност на македонските печатари од XVIII во Романија“. *Гласник*, 1-2. ИНИ. Скопје, 1995: 110-114. Според М. Георгиевски: „Родното место место на Мелетиј не е познато. Ако се суди по неговото презиме, може да се претпостави дека е од некое мало место во Македонија. Ако беше од некое поголемо или попознато место, ќе го искористеше можеби за свое презиме, како што тоа го сториле неговите соработници и придружници Стефан од Охрид - Охридски и Нектариј од Пелагонија - Пелагониски.“

338 Ивановъ, Й. *Българетъ въ Македония*. София, 1915: 55; (Каратаевъ, *Описаніе славяно-русскихъ книгъ*, Спб. 1883: 459-460).

јазик".[339] Носители на илирската идеја биле свештеници, интелектуалци, трговци и други слоеви од граѓанството, но не и хрватското благородништво, кое дури и во XVIII и почетокот на XIX век не нудело силно национлно предводништво.[340] Според истражувањата Матковски, „општото име 'Илир' немало цел да ги задуши имињата од одделните јужнословенски народи, туку паралелно со општото име ги истакнувале и одделните јужнословенски народи, што дотогаш биле слабо или недоволно познати, како што бил случајот со македонскиот."[341] Исто така, значаен е моментот на прифаќањето на илирското име од официјалната политика на Хабзбуршката Монархија која сакала да го искористи илирското име за свои цели, бидејќи тоа било мошне популарно во нејзините граници, особено во Хрватска и Војводина.[342] Имено, со текот на времето „илирската идеја" во Хабзбуршката Монархија станала мошне корисна и служела истовремено како пандан и опозит на панславизмот, кој беше силно протежиран од Руското Царство. Истото значење на илиризмот имало и за секој поединечен словенски народ во рамките на оваа монархија, особено во времето на Клеменс фон Метерних, архитектот на внатрешните прашања на Монархијата. Тој бил креатор на една „федерација на историски провинции од кои сите имале сопствени обичаи и традиции што треба да бидат зачувани."[343] Ваквата позитивна атмосфера во Хабзбуршката Монархија и кон илиризмот и кон словенските народи, за секој од нив поединечно, позитивно се одразиле кон македонскиот народ за време на Австро-турската војна (1683 - 1689) и особено по неа. За овој позитивен пресврт, односно како резултат на илирската идеја, Матковски заклучува дека „кон крајот на XVII век дури и на австрискиот двор и на врвните политичари и воени лица во Австриската Монархија им била веќе јасна етничката поделба на јужните Словени, во кој и македонскиот народ го сметале како посебен."[344] Имено, Матковски се повикува на двата значајни документи потпишани од царот Леополд, и тоа неговото протекционо (заштитно) писмо од 26 април 1690 година, специјално издадено за Македонците, во кое им ветувал слобода и протекциона диплома од 31 мај 1690 во која „одделно го повикувал секој

[339] Матковски, А. *Грбовите на Македонија*. Мисла. Скопје, 1990: 61.

[340] Јелавич, Б. *Историја на Балканот*. Слово. Скопје, 1999: 361-362.

[341] Матковски, А. *Грбовите* … : 60.

[342] Истото.

[343] Јелавич, Б. *Историја* … : 358.

[344] Матковски, А. *Грбови*те ... : 64.

народ *'incolas Bulgariae, Serviae, **Macedoniae**, Albaniae universos in genere et specie*', да се бори со австриската војска против зедничкиот непријател - Османлиската Империја."[345]

Илирското движење, кое добило широки размери, ја поттикнало целокупната напредна мисла меѓу словенските народи за нивна реафирмација, поголемо достоинство и зедничка борба за слобода. Во таа романтичарска атмосфера претставниците на илиризмот, за да го подигнат моралот на балканските словенски народи, се повикувале на славното минато од средниот век и антиката, особено поврзувајќи ги античките Македонци со словенството; дека древните македонски владетели биле Словени, верувале и тоа го запишале во нивните дела доминиканецот Винко Прибоевиќ од Хвар, којшто во 1532 година во Венеција ја напишал книгата *За потеклото и згодите на Словените*, во којашто Македонците ги сметал за Словени, исто така и Хрватските преродбеници Х. Луциќ, Д. Златариќ,[346] како и сплитскиот јазичар Матија Алберти (1561 - 1623), неговите современици дубровчаните Иван Гундулуќ и Јуниј Палмотиќ.[347]

Покрај овие автори, Македонците се појавуваат и кај други автори на Балканот. Така, во еден документ од 1593 година се споменуваат „сите **Македонци** и Срби" (tutti li **Macedonesi** et I Seruiani) и набројувајќи ги жителите на Македонија се вели дека има три народности: Албанци, Грци и **Словени**, сите од православна вера.[348] Огромно влијание врз балканските народи, но и влијание врз европските народи имала книгата на дубровчанинот Мавро Орбини под наслов *Царството на Словените* на италијански јазик. Во оваа книга е отпечатен и македонскиот земски грб, а во текстот се зборува и за „македонски народ", а античките Македонци се претставени како најпознати Словени. Оваа книга ќе стане вистинска инспирација на многу подоцнежни автори и приврзаници на илирската идеја и истовремено ќе има свој одраз врз јавното мислење во Русија, особено што по иницијатива на рускиот цар Петар Велики таа ќе биде преведена од латински на руски јазик. Стематографијата (1701) од познатиот хрватски преродбеник, Павле Ритер Витезовиќ, во којашто

[345] Истото.

[346] Матковски, А. *Грбовите* ... : 56-58.

[347] Ташковски, Д. *Раѓањето*..., 164-165.

[348] Димевски, С. *Македонските општествено-културни текови*..., 228; Horvat, K. „Novi historijski spomenici za povjest Bosne и susednih zemalja". *Glasnik Zem. muzeja u BiH*, XXI. Sarajevo, 1909: 16, 15.

е објавен и македонскиот грб, претставувала еден вид прокламација дека јужните Словени, вклучително и Македонците, некогаш имале свое славно минато. Македонското име сè почесто се среќавало во старата хрватска кајкавска книжевност.[349] Меѓу останатите, оваа книга ќе биде инспирација на дојранчанецот Христифор Жефарович и создавањето на неговата книга - *Стематографија* од 1741 година. Оваа книга, која била работена според концепцијата на книгата на Орбини, била објавена на словенски јазик, и тоа е клучниот фактор што ова негово дело ќе стане многу популарно кај словенските балкански народи и клучно за натамошниот развој на македонската народносна и национална мисла. Оттаму, не е случајна појавата на македонскиот лав со текст „Македонија“ на знамето од македонските доброволци во Првото српско востание, а оттаму и истиот мотив на знамињата на македонските востанија од 1876, 1878 и 1903 година.

МАКЕДОНСКА ИМЕНСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА КАЈ ЖИТЕЛИТЕ НА ДРУГИТЕ БАЛКАНСКИ ЗЕМЈИ

Територијалната припадност и самосвест кон Македонија во некои случаи зафаќала пошироки размери од географскиот регион Македонија. Ваквата појава во периодот од XV до XVIII век најверојатно се должи на Охридската архиепископија, чијашто јурисдикција, далеку ги надминувала границите на Македонија. Па така, Јулије Кловиќ (1498 - 1578), кој бил роден во Хрватска, бил познат минијатурист во Италија. Со своите дела бил омилен кај папите во Рим и личен пријател на Микеланџело. Заради неговото нагалсено потекло во тоа време го нарекувале ***Giulio Clovio Croatis Illiricis Macedo***.[350] Управникот на Будимскиот скрипториум и дипломат на унгарскиот двор на Матија Корвин и Владислав Втори во своето дело *Historia Turcica* од 1502 година напишал дека цар Душан е цар на Македонците и Рашканите, т.е. оригинално ***Macedonum Rasianorum Caesar***, односно цар на Македонците и Србите.[351]

Еден од првите балкански печатари на Балканот, Божидар Вуковиќ, го користи македонското име во неговиот *Октоих* и уште во записите на малите џепни зборници, коишто Божидар ги печател во 1520, 1527 и 1536 год., стои:


---

[349] Finka, B. „Makedonsko ime u staroj hrvatskoj kajkavskoj književnosti“. *Македонски јазик*, XXXII-XXXIII, 1981-1982. Skopje, 1982: 765-767.

[350] Истото, 59.

[351] *Historia Turcica (1502), Municipal Library in Nurmberg (pressmark Ms Solger 31.2B°.)*

„...пришадшу ми от отачаства мојего от земље Диоклитискије, јеже јест ва **пределех маќедонских**, от града нарицајемого Подгорица.“[352] Монасите на манастирот Морача - Св. Кирил и Методиј, напишале дека нивниот манастир: „...в области херцеговској в западних страна **и предјелах маќедонских** от града нарицајемаго Подгорица.“[353]


Сврьшн се сна божьствна кннга ѿ рожьдества ХВ҃А А.ф.а҃.Г. (1563) месца децемьра, на К.Д., вь странахь махедонскнхь вь wтьчьсво вь граде Скендерн, манстро Занетн

Во фототипниот цитат од Скадарскиот тримесечник од 1563 година се чита дека високиот свешетеник г. Стефан, запишал: „Ја завршив оваа Божја книга во лето Христово 1563, месец декември, на К.Д., во македонските предели во родниот град Скадар...“ (ЦВА, ф. 40.оп.оп II, е.е. 935, л. 57-58)

Во еден извор од 1618 година се среќава името на Александар Македонски (Alesandro Macedonio). Според истажувањата на Ј. Томиќ, станува збор за Александар Николин кој името го носел како атрибут со кој сакал да постигне поголем углед, бидејќи се обидувал да крене востание против Турција. Во неговите извештаи има описи на Македонија во кој ја вклучувал покрај Македонија и Србија, Бугарија, Албанија и Црна Гора, а жителите на Кралството Македонија (Regno di Macedonia) ги нарекува борбен македонски народ. Обединувачкиот духовен фактор на сите овие земји била Охридската архиепископија, под чија јурисдикција во тоа време се наоѓале, најверојатно е и единствената причина за заедничкото македонско име кое како такво се среќава сè до крајот на XVIII век.

Исто така, во писмото од владиката Данило Петровиќ до рускиот цар Петар Велики од 28 јануари 1712 година се завршува со следните зборови: „**Од Црна Гора во Македонија**“ или рускиот полковник, родум од Херцеговина, Михајло Милорадовиќ, во 1712 година се потпишал како „**полковник и кавалер македонски**“ или во Виена на 15.12.1714 бил издаден пасош на

[352] *Отаџбина*, 5.1.1888, 312; Новаковић, С. „Божидара Вуковића, зборници за путнике издања позната и непозната“. *Гласник*, XLV: 133-134.

[353] Milović, J. M. *Zbornik dokumenata iz istorije Crne Gore (1685 - 1728)*. Istorijski institut NR Crne gore. Cetinje, 1956.

црногорскиот владика - господарот црногорски Данило Петровиќ на кој пишува дека е „**бискуп од Македонија**... од Цетиње“, а во писмото на црногорскиот поглавар, митрополитот Данило, од 8.9.1742 година се спомнува синтагмата „**во пределите македонски**“.[354]

Монасите на црногорскиот манастир Морача во 1615 година запишале дека нивниот манастир е во Херцеговската Област, во западните македонски предели.[355]

1569 година во Венеција била отпечатена книгата *Псалтир со последование* од Јеролим Загурович и во неа стои „Јаков од пределите **македонски** од местото наречено Софија, Крајков син.“[356]

Во писмото пд 1640 година црногорскиот митрополит Мардарије се титулирал како: „Јас епископ кир Мардарије от предјел македонских, земље црногорске...“[357]

Во 1661 година во Москва дошол некој Софроний кој се претставил како митрополит на Филипопол, односно денешен Пловдив и Драма и барал милостина во име на народот познат како македонски - **„въ народ извёстній подъ именемъ Македонскаго“.**[358]

Петар Богдани, кој се смета за еден од најистакнатите албански филозофи, теолози и историчари, на својата книга од 1685 година издадена во Италија се претставил како Петро Богдано Мацедоне (**Petro Bogdano Macedone**).

1685 година во книгата *Cuneus Prophetarum de Christo*, печатена во Падова, запишал: „Те предупредувам, со извинување, дека печатарот нема познавање на албанскиот јазик, и јас, како роден Македонец, немам целосно чист италијански јазик. Што се однесува до говорот, знај дека јас пишувам за прости луѓе и пишувам во корист на светата вера, не за моја чест.“

Сите овие вредни записи докажуваат дека имињата „Македонија“ и „Македонци“ во периодот од XV до XVIII век биле мошне познати, прифатени

---

354 Dragović, M. „Materijali za istoriju Crne Gore vremena mitropolita Danila, Save i Vasilije Petrovića“. *Spomeniku*, XXV, 2.

355 Milović, J. M. *Zbornik dokumenata* ... цит. извор.

356 Георгиевски, М. „Печатарската дејност на македонските печатари од XVIII век“. *Гласник*, 1-2. ИНИ. Скопје, 1995: 110.

357 Радоњић, Ј. *Римска курија и јужнословенске земље од VI до XIX века*. Београд, 147.

358 Истото, 167.

и применувани во постоечката литература, не само меѓу луѓето од Македонија туку и на Балканот.




Во книгата на Петро Богдано Мацедоне на една од страниците (лево) на народен јазик е запишано: „Господину господину Петру Богдану архибискупу од Скопиа. Ве книге твоје у твои ум процвали истином уридно је даб(и) Ангели стали...“

Интересни за попродлабочени проучувања сè секако преписите на Душановиот законик коишто, главно, потекнуваат од крајот на XVII и почетокот на XVIII век.

Илирските грбовници и илирската идеја Александар Матковски смета дека извршиле клучно влијание врз преписите на Душановиот законик кон крајот на XVII и почетокот на XVIII век. За појавата на изразот „македонскаго“ во овие преписи го напишал следново: „Под влијание на овој општ грб, кој подоцна се умножувал и се прецртувал, се јавила подоцнешната преработка на Душановиот законик. Познато е дека постојат 20 преписи на овој Законик. Овие преписи можат да се поделат на две групи. Првите 10 преписи биле пишувани во XVII век, а другите 10 во XVII и XVIII век. Во десетте преписи на Душановиот законик од XVII и XVIII век, под влијанието на „општите грбови“ (меѓу кои е и

македонскиот грб) на Петар Охмучевиќ (грбовникот на Охмучевиќ е изработен во периодот меѓу 1584 и 1594 год.) кои веќе кружеле по Балканскиот Полуостров во разни преписи, царот Душан се јавува како цар македонски, српски, бугарски, далматински, унгарски и сл., т.е. како симбол на посакуваното обединување на јужните Словени, па дури и на балканските христијани. Првите 10 стари преписи на Душановиот законик: струшкиот, призренскиот, ходошкиот, хилендарскиот, шиштовачкиот, бистричкиот, барањскиот, атонскиот, студеничкиот и раковачкиот го немаат изразот „македонскаго“, додека во раваничкиот, грбљанскиот, загрепскиот, софискиот, текелискиот, белградскиот, карловачкиот, стратимировиќевиот, хоргошкиот и ковиљскиот стои и изразот „македонскаго цара Стефана Закон... “[359]



Во софискиот и раваничкиот препис на Душановиот законик, српскиот цар Душан е претставен како „Македонски цар Душан“[360]

[359] Матковски, А. *Грбовите* ... : 63-64.

[360] Франц Миклошич во неговото дело *Monumenta Serbica*, во цититот на раваничкиот и софискиот препис, запишал како: „Стефан во Христа Бога верен цар грчки“ (стр. 154), иако јасно пишува „цар македонски“. Македонското име било избришано и заменето со „грчко“ или „ромејско“ и во цитатите на поголем број објавувани збирки документи од српски автори и

Тенденцијата на новите препишувачи на Законикот со кој се претендирало на тоа дека словенските народи се под закрила на династијата Немањиќ била очигледна. Тоа го потврдуваат и грбовниците од тој период каде што доминира „илирско-српската идеја“ и „босанско-илирската идеја“ и е напуштена „илирско-австриската идеја“ за обединување на јужните Словени. Таквата тенденција се гледа по тоа што во средината на општите грбовници се грбовите на Немањиќи, а странично се поставени грбовите на другите балкански земји: Бугарија, Босна, Далмација, Хрватска, Славонија, Македонија, Србија, Рашка и приморските земји.[361]

Како што поминувале долгите векови под османлиската власт, балканските народи речиси и ги изгубиле народносните сознанија за нив, па така Радован Самарџиќ вели дека османлиските власти не го споменуваат српското народносно име во документите и биле раја,[362] а според Стојан Новаковиќ етничката неопределеност била општа појава и прашањето на националноста била во длабок сон.[363]

Еден бугарски академик, пак, вели дека во XVII и XVIII век Бугарите го губат народносното сознание и се преобраќаат во „хора“ и „христијани“.[364] И бугарскиот преродбеник Априлов се сеќавал дека „многумина Бугари интелектуалци што се сметале за Грци, ако го наречеш Бугарин се навредувал.“[365] Според американската историчарка Барбара Јелавич, во почетокот на XIX век во Бугарија било тешко да се отфрли грчката културна доминација, која претствувала природен резултат на претходните историски настани и која била одобрувана од Портата, во извесен степен и од Русија.[366] Ова, генерално, може да кажеме дека важело и за македонското население. Османлиската Империја, распространета на три континенти, владеела со многу народи и во вековите кои следат. Сè до XIX век сосема ги занемарувала

институции. Добро се сеќавам дека и мојот професор по средновековна историја на УКИМ, почитуваниот Христо Меловски, во 80-тите години на минатиот век на таков начин ни ги пренесуваше цитатите на Миклошич.

[361] Истото, 146 - 147.

[362] Самарџић, Р. „Традиција и преображај код Срба“. *Зборник МС за историју*. Нови Сад, 1988: 125-128.

[363] Новаковић, С. *Први основи словенске књижевности међу балканским Словенима*. Београд, 1893: 238.

[364] Самарџић, Р. „Традиција и преображај код Срба“. *Зборник МС за историју*. Нови Сад, 1988: 125-128.

[365] Prolog, M. *Slavenska renesansa 1780 - 1848?*. Zagreb, 1924: 157.

[366] Јелавич, Б. *Историја* ... : 398.

ентитетите, а населението се делело врз основа само на една идентификација: муслимани и немуслимани (неверници). Тоа, но и потчинетоста и изолираноста на христијанското население била до таа мерка, што немало можност за културен и идентитески развој, што, пак, предизвикало денес да имаме мал број записи од обичните луѓе од Балканот и Македонија. Сепак, сметаме дека кај сите народи преку народната колективна меморија, изразена преку народните песни, легенди, епови и прераскажувања, се чувала народната традиција доволно до таа мера за да не дојде до целосно губење на идентитетската свест. Во Македонија и на Балканот легендите, митовите и спомените за големите македонски кралеви Филип и Александар живееле во народната меморија, но и во ретките дела во кои се зачувни сведоштва за тоа.

ПАПСКАТА ДРЖАВА И МАКЕДОНЦИТЕ

Со појавата на протестантството во Европа голем број католици преминувале во новата вера. Тоа било причината за почетокот на првата организирана пропаганда на католичката вера, а *Конгрегацијата за пропагирање на верата*[367] (Congregatio de Propaganda fide) ги надгледувала мисионерските заложби на Црквата во Новиот Свет и на други места.[368] Но токму со појавата на терминот „пропаганда“ и со почетоците на нејзината примена, директно или индиректно се поврзани и Македонците. Имено, во архивот на Конгрегацијата за пропаганда во Рим до ден денешен се чуваат автентични записи уште од нејзиното основање во 1622 год., со што ни е овозможено да ја следиме пропагандната дејност на Ватикан во тоа време. Покрај заштитата од растечкиот протестантизам во светот, Конгрегацијата водела сметка и за нејзино влијание и ширење на католицизмот меѓу останатите христијани, вклучувајќи ги и православните верници, особено кај оние на Балканот. Во еден од записите од 1624 година се зборува за обновување на Илирскиот, односно Словенскиот колеџ во Лорето, кој бил основан 1580 год. Истиот колеџ во 1593 година бил преселен во Рим. Во 1619 година далматинските бискупи побарале од папата Павле V колеџот повторно да го врати во Лорето и побарале на тој колеџ да се доделат места за питомци „Срби, Бугари и Македонци“. По ова барање биле одобрени стипендии за припадниците на споменатите народи. Ваквата идеја била реализирана со тоа


[367] Според основачките акти, Конгрегацијата ја сочинувале 13 кардинали, од кои еден бил префект, двајца прелати и секретар. Во овој состав подоцна влегол и еден кармелитанец, а потоа и протонотар и акцесор на Светиот уред. На седниците од Конгрегацијата вообичаено присуствувал и папата.

[368] Бернејс, Е. *Пропаганда - во раце држите парче историја*. Антолог. Скопје, 2020: 11.

што меѓу студентите стипендирани од Ватикан имало и тројца Македонци. Ваквиот потег на Папската Држава, всушност се совпаѓа со намерите на Конгрегацијата за ширење на католичката пропаганда на Балканот, односно меѓу православните народи. Документите од Конгрегацијата се исклучително важни за нас, затоа што ги откриваат релациите на Папската Држава кон балканските народи вклучително и Македонците коишто, меѓу другото, биле третирани како посебен словенски народ под името „Македонци“.

Во времето кога Илирскиот колеџ бил преселен од Лорето во Рим, 1539 година, била отпечатена книгата *Introductio in Chaldaicam linguam, Syraiacam, atque Armenicam, & decem alias linguas…* (*Вовед во халдејски, сириски, ерменски и уште десет јазици*...) на Тезео Амброџио Албонези (1469 - 1540), во која се зборува, меѓу другото, и за Македонците и македонскиот јазик. Амброџио бил италијански хуманист, доктор на црковното законодавство и цивилното право во Павија. По приемот на Светата одлука, Амброџио заминал за Рим и бил задолжен од папата Лав X и кардиналот Бернардино Лопез Карвајал.


INTRO
DVCTIO IN CHALDAI
CHARACTERVM DIFFEREN
MYSTICA ET CABALISTICA
THESEO AMBROSIO EX CO


Nomina Linguarum, & Alphabetorum, de quibus in hoc opere fit mentio; & eorum numerus.


Chaldæorum. 3.
Samaritanorum. 3.
Assyriorū.
Syrorum.
Phœnicū.
Hebræorum, computatis his quę ab alijs ponū-tur. 10.
Arabum.
Punicorū.
Persarum.
Tartarorū.
Turcarū.
Latinorum. 1.
Græcorum. 3.
Iacobitarum.
Cophtitarum.
Macedonū.
Missiorum.
Bulgarorū.
Seruianorū.
Rusiorum.

Dalmatarū.
Illyricorum.
Indorum. 2.
Armeniorum. 1.
Vuandalorum. 1.
Virgilij philosophi. 1.
Apolonij Tianei. 1.
Hierogliphicum. 1.
Babiloniorū.
Erithreorum.
Saracenorum. 1.
Aegyptiorum. 1.
Hetruscorum. 2.
Gothorum. 1.
Hiberię magnę
Georgianorū.
Incognitum. 1.
Magi Spoletani Characteres in vno complexu.


QUamplurima alia diuersorū generum alphabeta, ad-huc seruant, alio tempore publicanda. Si ista placuisse visa fuerint.

Книгата *Вовед во халдејски, сириски, ерменски и уште десет јазици…* на Тезео Амброџио Албонези, издадена 1539 год.[369]

[369] https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/03/1565_A.-Friderico-Chronicicarionis-768x600.jpg


quiſti me. Idem quoq; & Macedones referunt cum aiunt.
Boge Boge moi vienmimi, vieſcuiu oſtauime. Idem ferè
& Dalmatę

„Македонците кажуваат: *Боже, Боже, виенмими, вјечиу оставиме*.“


Latinorum. 1.
Græcorum. 3.
Iacobitarum.
Cophtitarum.).2.
Macedonū.
Miſſiorum.
Bulgarorū.).1.
Seruianorū.
Ruſiorum.
Gotthorum. 1.
Hiberię magnę
Georgianorū.).1.
Incognitum. 1.
Magi Spoletani
Characteres in
vno complexu.

Македонскиот јазик Тезео Амброџио Албонези го ставил во табелата заедно со мизискиот, бугарскиот, српскиот и рускиот јазик коишто се пишуваат на кирилица.

ИЗВОРИ ОД XV ДО XVII ВЕК

1433 год. Бертрандон де ла Брокиер.[370] „И јас си припомнав за големата потчинетост во која Турчинот го држи царот во Цариград[371] и сите Грци, **Македонци** и Бугари, па и деспотот[372] на Расија[373] и сите негови поданици, што е многу жално за целото христијанство... А има исто така, како што кажав порано, многу христијани кои присилно го служат Турчинот, како Грците, Бугарите, **Македонците**, Албанците, Есклавонците,[374] Расијанците и Србијанците, поданици на деспотот од Расија, и Власите, кои, како што ми е речено, кога би ги виделе христијаните, а особено Французите, во голем број

[370] Делото на Бертрандон се вика *Патување преку морето*, кое е напишано во периодот од 1455 - 1457 год.

[371] Се мисли на византискиот император Јован III Палеолог (1455 - 1457).

[372] Се мисли на српскиот деспот Ѓураќ Бранковиќ.

[373] Се мисли на Рашка или Србија.

[374] Се мисли на Хрватите од Славонија.

против Турчинот, тие би му нанесле многу штета и би му го свртеле грбот, зашто тој ги држи во тешко ропство.“[375]

1461 - 1462 год. Рим, проект на Павле Мавроцен[376] за преземање експедиција против Османлиите. „Кога ќе бидат разбиени непријателските сили, никој не се сомнева дека цела Бугарија, Србија, Босна, **Македонија,** Епир, Тесалија, Грција или Атика и Пелопонез веднаш ќе се вратат кон верните, дури веднаш штом војските ќе ги нападнат границите на непријателот... Србите и Босанците, со кои неодамна водев таков разговор, веднаш ќе се одметнат од непријателот и ќе побегнат со дваесет и повеќе илјади вооруженици. Поттикнати од овој пример, Тесалците, Грците(?), Пелопонесците, Епиротите и **Македонците** (во оргиналот - Macedones), сите ќе се одметнат од непријателот…“[377]

1466 год. Охридски архиепископ Доротеј.[378] „Доротеј милостијеју божиеју архиепископ првие Јустинијание и всем **македонцем,** болгаром, срблем, и северним странам и прочим.“[379]

1470 год. Опис на Македонија од Џовани Марија Анџиолело.[380] „8 август 1470 година. Султанот запре и конакуваше од другата страна на клисурата во едно поле што ја претставува граница на **Македонија**... На 10 август, поаѓајќи од Платамон, (султанот) застана на едно место и конакуваше на место наречено Китрос[381] во споменатиот залив... и недалеку се наоѓа големата река наречена Вардар, која поминува низ **Македонија** и се влева во Солунскиот Залив... На 14 август, поаѓајќи од ова место, конакуваше во близина на Света Гора... Оваа планина е многу висока и тука се наоѓаат многу манастири на христијански калуѓери од кои некои се Грци, други **Македонци**, Власи, па дури и Италијанци, како и од други нации... На 17 август замина од

---

[375] *Документи за борбата*..., 1, 13; Брокијер, де ла Б. *Путовање преко мора*. Београд, 1950: 134, 140-141; B. de la Brocquiere, de la B. *Le Voyage d'Outremer*. Recueil de voyages et de dokumnentes pour sevir á L'Historie de la géographie, 200.

[376] Павле Мавроцен бил венецијански пратеник.

[377] Бошкоски, М. *Имињата* ... : 199; Радонић, Ј. „Ђурађ Кастриот Скендербег и Арбанија у XV веку“. *Споменик*, XCV. САН. Београд, 1942: 128-129.

[378] Охридски архиепископ (ок. 1452 - 1466 год.)


[379] Снегаровъ, И. *История на*..., II: 40-43 (факсимил од писмото).

[380] Џовани Анџиолело бил капетан на венецијанската пешадија, кој бил заробен од Турците во 1470 год.

[381] Мало место, северно од Катерини.

ова место и залогорува во една убава и раскошна тврдина наречена Бари, која се наоѓа покрај морскиот залив. Тука живеат Грци и **Македонци**...“[382]

1483 год. Феликс Фабри.[383]



XXIV

THE VOYAGE TO THE HOLY LAND

TIME	— *1483.*
PASSENGER	— *Felix Fabri.*
VOYAGE	— *From Venice, Italy, to Joppa, Palestine.*
SHIP	— *A Venetian Galley.*
SOURCE	— *Palestine Pilgrim's Text Society, Felix Fabri, Vol. I, Part I; London, 1892, pp. 83–213.*

Lowest of all are the galley-slaves of the first and second class, whom in Latin we call *remiges*, or rowers, who sit on the cross-benches to work at the oars. There are a great many of them, and they all are big men; but their labors are only fit for asses, and they are urged to perform them by shouts, blows, and curses. . . . I shudder to think of the tortures and punishments of those men. . . . As a rule they are Macedonians, and men from Albania, Achaia, Illyria and Sclavonia; and sometimes there are among them Turks and Saracens, who, however, conceal their religion. . . . They are so ac-

Опишувајќи ги неговите патувања низ територијата на Балканот, ги набљудувал луѓето од разните народности и разните краишта на Империјата.

1505 год. Феликс Петанчиќ.[384] „Кога ќе се тргне од Скопје се минува низ Жеглиговската Рамнина, Конопнишката Долина, Бербушката Бања и **Стримонскиот мост, кој ги дели Македонците од Бугарите.**“[385]

XVI век. Висок службеник на Римската црква.[386] „Во Костур запишал извесен број зборови и реченици од секојдневниот говор на костурчани, со што го изработил и првиот македонски речник, а забележал и три македонски

[382] Матковски, А. *Патописот на Џио Марио Дељи Анџиолело од 1470 година: Македонија во делата на странските патописци*. Мисла. Скопје, 1981: 66-67; *Документи за борбата на македонскиот*..., 137-138; Градска библиотека, Винченца, инв. бр. 382; https://l.facebook.com/www.iranicaonline.org.

[383] Феликс Фабри (1451 - 1502) бил швајцарски доминикански теолог.


[384] Феликс Патенчиќ (1455 - 1517), еден од најдобрите минијатуристи и управник на Будимскиот скрипториум, дипломат и историчар.

[385] Ичирков, А. *Изследования за Македония*, 6; Најденов, П. „Македонска волја“, додаток на весникот *Народна волја*, септември - октомври.

[386] 1958 година професорот на Универзитетот во Рим, Џиро Џанели, во соработка со Андре Вајан, професор на францускиот Колеџ за источни студии, го издале трудот *Македонскиот јазик во XVI век*. Во оваа студија бил обработен еден стар текст кој се чува во Ватикан. Текстот е напишан со грчко писмо на македонско наречје, кој според граматиката и зборовите се совпаѓа единствено со современиот литературен македонски јазик. Овој текст е доказ за применливоста на народниот јазик и е трезор на народот кој со векови го зачувал и негувал.

народни песни што претставуваат најстар запис од македонското народно творештво.“[387]

„Тако ти Бога девојко,
как те зовет на име?
О душко - ле, жив ти очи,
ходи овмо, зарви ме.
Твојто ти целвање ти се молам,
дарви ме...
Што си лепа,
Што си бела, што те љубам,
девојко.
Ела моја паригоре,
да те целвм в устата.
Как овоштје ме мирисет,
штото роди крушата.
Тако ти вишнего Бога,
Не ми везми душата.
Што си лепа...


Textes publiés par l'Institut d'Études slaves. — V

UN
LEXIQUE MACÉDONIEN
DU XVI[E] SIÈCLE
PAR
CIRO GIANNELLI
Professeur à l'Université de Rome
AVEC LA COLLABORATION DE
ANDRÉ VAILLANT
Professeur au Collège de France et à l'École des Hautes Études

PARIS
INSTITUT D'ÉTUDES SLAVES
DE L'UNIVERSITÉ DE PARIS
9, Rue Michelet (6e)

1958

Книгата на Џиро Џанели и Андре Вајан

[387] Китевски, М. *Историја на македонскиот народен фолклор*. Гирлнда. Скопје, 2014: 11-12.

II. До кога, серденце моја,
скривом да се љубиме.
Со страхови преголеми,
днови да се љубиме?
Ела стан, по (в)рага, ходи
да се везмиме. Што си лепа...

III. Ноштa ми те украдохе,
дење ми те продадохе
за дванавдесет флорин.
Постели ми постелата,
покри мене со јорган,
ела легни покре мене
ни те гибам ни те дарк..."[388]

1525 год. Ладислав Македонски. „Ладислав **Македонски**" (Ladislaus **Maczedoniai**) бил владика на Велики Вараждин во Хабзбуршката Монархија.[389]

1526 год. Никола Македонски. „Никола **Македонски**", родум од Македонија, станал благородник и се споменува во Мохачката битка.[390]

1537 год. Филип Дифрен Кане.[391]„Оттаму излеговме на една голема рамнина, на чиј почеток, скоро скриен од неколку мали вишинки, се наоѓа Скопје, многу голем град, кој според некои е во Бугарија, но по моето мислење, во **Македонија**...[392]

[388] Gianneli, C. - Vaillant, A. *Un lexique macedonien du XVI siècle*. Pris, 1958.

[389] Матковски, А. *Македонскиот полк* ... : 17.

[390] Матковски, А. *Македонскиот полк* ... : 18; Šišić, F. „Hrvatski saborski spisi". *Monumenta*, XXXIII. Zagreb, 1912: 17.

[391] Филип Дифрен-Кане - протестантски мисионер од Франција и во 1573 година патувал од Дубровник со Цариград, поминувајќи и низ Македонија.


[392] *Документи за борбата*..., том 1: 140; Самарџић, Р. *Београд и Србија у списима француских савременика*. Београд: 129-130 и 372-373; *Френски патеписи за Балканите*, 140.

1538 год. Георг Агрикола.



Во книгата се споменуваат: Македонците, Грци, Турци, Тракијци, Тесалијци, Епирци, Мизи, Далмати...[393]

1541 год. Феликс Петанчиќ.



Книгата на Феликс Петанчиќ во која се спомнуваат неколку балкански народи како: „Македонци, Срби, Бугари и др.“[394]

1547 год. патопис на Пјер Белон.[395] „Салоника е голем град, многу познат и богат, по старо наречен Тесалоника, за кој што споменува и св. Павле.

---

[393] https://www.abebooks.fr/Oratio-bello-adversus-Turcam-suscipiendo-Ferdinandum/30042625592/bd


[394] https://books.google.mk/books/content.

[395] Пјер Белон бил природонаучник и лекар, кој во својата патописна книга од 1553 година дава опис на дел од Македонија. Ја посетил Османлиската Империја и Македонија во периодот од 1546 - 1549 год. Тогаш ги посетил рудниците и топилницата во Сидерокапса на Халкидичкиот Полуостров.

Тој се наоѓа во Тесалија којашто граничи со **Македонија** (некогаш Македонија се нарекувала и Прва Тесалија.), каде што чумата ги проретчила жителите... Заминувајќи од Салоника, минавме само два дена пат до рудниците на Сидерокапса во **Македонија**... Оние што се населени во рудниците на Сидерокапса се собрани од разни краишта и се служат со различни јазици, како **словенски**, бугарски, грчки и албански".[396]

1553 год. Волк Македонски. „Волк Македонски" (Wolf **Maczedoniai**), бил врховен жупан на градот Красо, а потоа и бан на Шерења во Хабзбуршката Монарија. Тој бил роден во селото Македонија, коешто било оформено од иселеници од Македонија .[397]

1565 год. Јоханес Карион.[398]


LIB ER QVINTVS
CHRONI
CI CA RIONIS
A FRIDERICO
secundo vsq; ad Carolum
Quintum.
EXPOSITVS ET
AVCTVS à CASPA.
RO PEVCERO.
PERTINET HIC LI
ber ad partem tertiam Chronici.
ACCESSIT LOCVPLE-
tiſsimus rerum & verborum me-
morabilium index.
VVITEBERGÆ
ANNO CHRISTI
1565.

CHRONICORVM
Nicopolitana non conſternatos tantùm ve-
hementer, ſed & alienatos à ſe, quæ res no-
vas illi difficultates obiecit, quas tamen
explicauit celeriter.

Hæc infœlicia belli iuſti ac neceſſa-
rij auſpicia oſtenderunt, qualia reliqua eius
militia eſſet futura. Non fuerunt enim ite-
rati conatus proſperiores prioribus. Etſi .n.
deuictus captusq; à Tamerlane Scytha Ba-
iazetes, ſummas attulit occaſiones ad res
benè fœliciterq; gerendas, aduerſus attritas
ac laceras Turcarum in Europa vires, et ad
gentem barbaram nominiq; Chriſtiano in-
feſtiſsimã radicitus excindendam, & Sigiſ-
mundus ne occaſionibus propè cœlo demiſſis
defuiſſe ſua aliqua ignauia videretur, per-
mouit Vngaros ac Boëmos, ne ſtudio tuen-
dæ religionis ac libertatis, pia ac neceſſaria
arma induere recuſarent: tamen quòd Cele-
bino Baiazetis filio, qui è prælio elapſus,
tranſmiſſo ad Seſtum & Abydum Helleſ-
ponto, opera nautarum pecunia corrupto-
rum, in Europam cum aliquibus fratrum
copiarum reliquijs euaſerat, ijsq; vtcunq; re-
fectis iam diu Triballos, Bulgaros & Ma-
cedonas

„...Трибали (Срби), Бугари и Македонци..."[399]

---


[396] *Документи за борбата...*, том 1: 138-139; *Наблюдения на множество редки и забележителни неща, видени в Грция, Азия, Юдеа, Египет, Арабия и други чужди страни от Пиер Белон д'ман*. София, 1953: 132-133; *Френски пътеписи за Балканите, XV - XVIII в*. София, 1975: 95-96; Ивановъ, Й. *Българетѣ вѣ Македония*. София, 1914: 48; Belon, P. *Observations de plusieurs singularitez et choses mémorables, trouvées en Grèce*. Asic etc. Paris, 1553: 45.

[397] Матковски, А. *Македонскиот полк* ... : 17; *Sibmacher's grosses und allgemeines Wappenbuch - Der Adel von Ungarn*. Nürnbrg, 1894: 59, 87.

[398] Јоханес Карион (1499 - 1537) бил познат астролог и математичар. Како реформатор и протестант напишал и историја која била мошне користена во XVI век во Западна Европа. Пишувал дела на германски и латински јазик.

[399] https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/03/1565_A.-Friderico-Chronicicarionis-768x600.jpg; https://books.google.mk/books?id=ERZYAAAAcAAJ&pg=PP3&source=gbs_selected_pages&cad=3.

1566 год. Јаков од Македонија.[400] „Излегов од **Македонија, татковината моја,** и влегов во западните земји близу до стариот Рим, во град Венеција, и таму ги најдов старите (печатни) калапи на војводата Божидар, кај сина му Винченцо, од многу време неупотребувани и почнав да ги печатам овие мали книги...“[401]



Јаков од Камена Река „Дојдов од Македонија...“

1578 год. Филипус Лоницер Фејерабенд.




„Бугари, Срби, Македонци...“[402]

[400] Јаков од Камена Река или Каменица, писател и печатар кој печател во печатницата на црногорскиот војвода Божидар Вуковиќ во Венеција.

[401] *Документи за борбата...,* том 1: 139. Стојановић, Љ. *Стари српски записи и натписи*, 1. 203-204.

[402] Lonicer, Ph. *Chronicorum Turcicorum, Turcorum origo, principes, imperatores, bella, praelia*, tomus primus. M. D. LXXVII, 16.

1584 год. Историја на Турците.



28 TVRCICÆ HISTORIÆ

Cum Cyricelibes disiecta recolligit arma,
Gaudet & imperij tollere sceptra noui.
Infestasq; acies gelidum deducit ad Istrum,
Victor & hostiles depopulatur agros.
Iamq; animo demens, noua praelia concipit, ecce
Inijcit immites mors inopina manus.

POst cladē Baiazethis, filius eius Calepinus Cyricelibes, quem & Cibelium nominant, fuga elapsus Hadrianopolim peruenit, vbi opera veteranorum, Grǽcorumq; principum, qui Palæologi partibus minus fauerent, adiutus, eos, qui ex Scytharum manibus in Europam elapsi essent, recepit, breuiq́ue tantas contraxit copias, vt tumultuario progressu vicinos Bulgaros, Seruios, & Macedonas armis infestaret. Quos eius conatus vt armis reprimeret Sigismundus rex Vngarorum, haudquaquam cunctādum ratus, praesertim cùm Scytharum victoria ad nomen Ottomannicum non ex Europa solùm, sed & Asia vniuersa pellendum delendumq; occasionem aperuisset, excitis Vngaris & Boëmis, validas contra eum copias eduxit. Infestis armis cōcurrerunt ad Columbacium Seruianorum oppidum iuxta Samandriam nō procul à ripis Istri, anno Christi 1409. victoria ex Christianorū incuria penes Turcos fuit. Cùm enim cæco impetu equitatus Christianorum in aduersos hostes rueret, graui clade accepta, antequā à peditatu subsequente, quo superiores hostibus videbātur, subueniri posset, dissipato ordine loco pulsus, & in fugam actus est. Fuga equitum animaduersa, pedites quoque turbati terga hosti verterūt, qui post equites Hungaros & Boëmos loco depulsos circumfusi equitatus Turcici sagittis omnes confixi periêre. Post hanc victoriam, cùm populabundus Byzantinorum fines infestaret, expeditioniq́ue aduersus Despotum Seruiæ intentus esset, iuuenis admodum sexto imperij anno morbo correptus discessit, anno Domini 1404.

„Бугари, Срби и **Македонци**“ - спомнати како соседи на **грчкиот** принципат.[403]

1587 год. Писмо на охридскиот архиепископ Гаврил до надвојводата Фердинант Хабзбуршки. „Турчинот, којшто нас и нашите предци од ден на ден нè прогонува и нè уценува, не само нашите православни и стари католички бискупи, манастири и ним слични во цела **Македонија, Грција** и околните земји, туку и овдешните наши верни поданици... Меѓу нашите области го имаме Охрид со кого се именуваме, понатаму меѓу нашите земји ги имаме **Бугарија, Србија, Македонија, Олтенија, Ботанија и унгарска Влашка.**“[404]

[403] *Chronicorum Turcicorum, Inquibus Turcorum*, 1584. (http://www.uni-manheim.de/mateo/camenahist/loncier1/t1/Loncier-chronica-1.xmi)

[404] Истото, 142-143; Landesregierungsarhiv - Insbruck, VI, 50.




Жена од Македонија во Константинопол од 1577 год.

1593 год. Проект на Александар Комуловиќ за протерување на Османлиите од Балканот. „Бројот на христијаните способни за војување против Турците... Во останатиот дел на **Епир** и **Македонија**, речиси сите се христијани од грчки обред[405] и има повеќе од 100 000 луѓе способни за војување. Во војводството Св. Саба, наречено Херцеговина, и во пределите на

[405] Се мисли на луѓе со православна вероисповед.

Славонија и Хрватска, земји на Далмација, има добар дел латински христијани, но повеќето се грчки. Сепак, **сите тие се од словенска националност**...“[406]

1595 год. Кристифор Варсевиќ.



CHRISTOPHORI
VARSEVICII
Turcicę Quatuordecim.

HIS ACCESSERVNT OPVSCVLA DVO.
L. Friderici Ceriole, de Concilio & Conſiliarijs Principis, ex Hiſpanico in Latinum verſum vnum, & de Legato Legationeque eiuſdem Varſeuicij alterum.

Omnia hiis rebus & temporibus accommodata.

CRACOVIAE,
In Officina Lazari, Anno Domini,
M. D. XCV.

TVRCICA V. 83

ptus, & aureis catenis vinctus, per totã Aſiã circumueheretur. Quo enim altius aſcenderis, eò tũ maximè caſum timeas grauiorẽ. Quo loco non memorabo, quanta Chriſtianis Ottomanicæ extirpandæ ſtirpis, patre in vincula cõiecto, quaſi quædã diuinitus oblata fuerit occaſio: ſi Genuenſiũ cum Venetis, Hungarorũ cũ Tranſyluanicis Saxonibus, & Ioannis Galeaci Mediolanenſis Ducis cum Scaligeris bella nõ obſtitiſſent. Verùm cùm iam iam Ottomanici nominis principes occaſuri crederentur; en ſubitò Græcorum leuitate, vel ipſorummet copiis auctus eſt vnus, quẽ his Calepinũ, illis Cybelium, Kiriskellebem aliis placuit appellaſſe. Qui Bulgaros, Seruios, & Macedones adeò infeſtauit; vt ne vicina quidem his locis Hungaria potuerit quieuiſſe. Ignis enim ex proximo facilè in aliud inuolat tecto, & in noſtrum ex inimico. Prærat tum rebus in Hungaria Sigiſmundus Cæſar, neſcio feliciorné maritus, an imperator. Qui adeò parum fortunatus fuerat, vt & Boëmicos Ziſca duce, in ſe tumultus non potuerit ſedauiſſe. Raro namque aduerſa, non niſi vel aliorũ occurrunt in comitatu. Sed nos his obmiſsis, ad alia progrediamur. Iam quidem cùm Aſiaticas, & Europeas vires, ſede Andrinopoli fixa, barbari coniunxiſſent, Amurates eorum dominus Vladiſlaum Hungarorum, & Polonorum regem ad Varnam interfecit. At quo modo & tempore, ſuppudet ſanè dicere, cùm videlicet Chriſtiani ipſi exercitum Turcicum, ex Aſia in Europam tranſportaſſent; cùm plena in Italia, & Germania omnia tumultibus feciſſent: & cùm poſtremò Latinos & Græcos inter ſe commiſiſſent. Qua ferè etiam tempeſtate, Theſſalonica Venetis adempta eſt, & Sinderouia ſub Georgio Peloponeſi domino occupata; cuius paulo antè filia Turcæ in vxorem ducta, captos nihilominùs vxoris fratres duos Stephanum & Georgium, quòd adeò certis ſagittis arcum tenderent, vt deſtinatum ſcopum ſemper cõfigerent, igne oculis admoto excœcauit. Nullam namque rationẽ ſanguinis nec modum in rebus habet tyrannis. Age enim, an fax & incendium Græciæ Mahometes, ab Amurathe imperio ſuffectus, cum patre defuncto, Germanis fratribus iugulatis, ſui primitias imperii à ſcelere, & maleficio inauſpicatus fuiſſet, mirabilibus conſutis dolis, Conſtantinopolim non oppugnauit? Qua trigeſimo ab oppugnatione die capta, non tantùm faciare animum, ſed adeò etiam ipſos immani crudelitate paſcere voluit oculos, & nunc viros in partes ſecari, nunc pueros laniari, nunc matronas & virgines ante ſe iuſsit ſtuprari; vſque eò, licèt hæc & ſimilia antea quoque commemorata fuerint, vt cùm præ metu & horrore Genuen-

L 2 ſem

„Грци, Бугари, Срби, **Македонци**...“[407]

1597 год. Охридски архиепископ Атанасиј. „Кога престојувал во Хабзбуршката Монархија, Италија и Шпанија, барал поддршка за создавање „**Кралство Македонија.**“[408]


---

[406] *Документи за борбата*..., том 1: 143; Biblioth. Barberiana cod. mnc. LVII, 33; *Starine*, knj. XIV. Zagreb, 1882: 86-87.

[407] Varsevich, Ch. *Turcice Quartuordecim*. Cracoviae, M.D. XCV, 83.

[408] Милев, Н. „Охридския архиепископ Атанасий и скитанията му в чужбина 1597 - 1615“. *Известия на Историческото дружество*, кн. 5. София, 1922.

1599 год. Лаврентиј Шеурл.



FAMILIA OTHOMAN-
NICA:
ET QVAS SINGV-
LI EX EA TYRANNI CLADES
CHRISTIANIS NEFARIE INTVLERINT.
EX VARIIS, ET NONNISI PRO-
BATISSIMIS AVTHORIBVS COLLECTA,
atq; in hanc Synopsin redacta.
Opera & studio singulari
LAVRENTII SCHEVRLI VLMENSIS, ILLV-
stris Iuliæ Professoris ordinarij.
PRAGAE Typis M. Danielis Adami.
Anno M. D. XCVII.

phæ, Asiaticas Amurathi secundo destinans. Restituit autoritatem Imperio, quæ à Tamerlane ablata sunt: Daciam, Seruiam, Walachiam, & Bosnam superiorem, partim Græcorum Imperatoribus, partim Vngariæ Regibus vectigales, sibi subjecit. Latini scriptores perhibent ipsum ignauia Principum Europæ, Bulgaros, Seruios ac Macedonas diu vexasse, usq; ad Sigismundi Regis Vngariæ aduentum: qui tamen non clementiore fortuna cum eo, quam antea cum Patre, ad Columbacium dimicauit. Græci mentionem faciunt quoq; belli Venet. Peucerus libro 5. Chronicorum folio 191. Obijt anno Christi 1419. Imperij 12. secundum Græcos, quibus si jungantur reliqui à captiuitate Bajazetis, quibus inter sese filij concertarunt, efficientur anni 17. quos usitatè nostræ historiæ Celepino ascribunt. Geuferus folio 79. Filij


MVSTAPHAS, accepit à Patre curatorem Aluizam, seu Haly Bassam perpetuum: cum quo apud Caramanniæ Regem exulans, jam annos natus 33. ad regnum euocatur: nec multò post potentiæ confirmandæ causa in Asiam profectus, & ab Aluiza Amurathi proditus, strangulatur. Vxor N. nata N. Auria Genuensis, & Zampia, Manuelis Paleologi Nothi filia, ut Turco Græcia Cretæ.

X AMVRATHES II unicus successor Patris, regnat annos 32. ut scribit Chalcondyles; qui ipsum patre Mahomete natum refert. Latini annos 34. tribuunt: Turci verò annos 31. & Sultan Murat Chan vocant. Vulgo Morat Beg dictus. Is igitur oppressis duobus Mustaphis æmulis, varia cum populis & Dynastis finitimis bella gessit: & cum crudelitate omnes majores suos superaret, magnam Græciæ partem occupauit: Sinderouiam, Ragusiorum metropolim, vi cepit: interfectis omnibus, præter eos, quos in tristissimam seruitutem secum abduxit: eorumq; Ducem, effossis prius oculis, crudeliter tandē interfecit: duobus eius filijs captis, oculis atq; pudendis priuatis. Quām verò leuis-

B 2 sima

„Бугари, Срби, **Македонци** и Грци...“[409]

1601 год. Томас Гарзони.



LA PIAZZA
VNIVERSALE
DI TVTTE LE PROFESSIONI
DEL MONDO,
NVOVAMENTE RISTAMPATA
& posta in luce, da THOMASO GARZONI
da Bagnacauallo.
Aggiontoui in questa nuoua Impressione alcune bellissime
Annotationi a discorso per discorso.
AL SERENISSIMO, ET INVITTISSIMO
ALFONSO II. DA ESTE, DVCA DI FERRARA.
CON PRIVILEGIO.
IN VENETIA, MDCI.
Appresso Roberto Meietti.

VNIVERSALE. 475

tolata, Introduttio in Chrisdaicam linguã, Siriacam, atque Armeniam, & decem alias linguas, vna cognitione delle lingue immensa, ponendo da quarauta Alfabeti di lingue diuerse, com'egli pone? Guglielmo Postello anch'esso non ha posto fuori vn libro de duodecim linguis cō i suoi caratteri diuersi? & Giouan Battista Palatino non ha operato questo che dicia mo in quel libro intitolato libro nuouo per imparare a scriuere tutte le sorti di lettere? Ma, per recitar qualche cosa delle lor differenze, oltra alla gressa (rimettendo i lettori a'loro de' predetti, per hauerne più certa cognitione) è da notare che i Caratteri Caldei detti anco Siriaci son vinti due, & sono vsati dalla Chiesa Anticlena Patriarcale, & le vocali son sei, come anco quelle de gli Hebrei, & quelle de' Samaritani, che fra loro diffriscono assai ne' caratteri. Le vocali de gli Arabi, Punici, Turchi, Persi, Tartari, & altri Maumettani, che vsano fra loro vna sola Alfabeto, son sette, cioè Aliph, Ate, Alba, Ain, Vau, Ite, Ie. Le Latine, son cinque. Le Greche sette, i Giacobiti, & Coptitii, che habitano intorno l'Egitto, n'hanno dieci. I Macedoni, e Dalmatitii, che hora sō detti Bulgari, & i Seruiani n'han dieci ancora loro. Gli Indiani n'hanno cinque, come riferisce Giouanni Potken nel suo Silabario. gli Armeni n'hanno cinque, ma nel suono le vanno variando assai. Le consonanti Caldaiche son sedici, come anco le Samaritane, & Hebraiche. Quelle de' Punici, Arabi, Turchi, Persi Numidi, & altri Maumettani son vintidue. Le latine ventidue, le greche diecisette. Quelle de gli Indi vinti quelle de' Coptitii, & Giacobiti vintiquattro. Quelle de' Macedoni, e Dalmati, o Bulgari, & de' Seruiani son pur vintiquattro. Ma chi vuol vedere le lingue, e gli Alfabeti chiari de' Caldei, Samaritani, Assirij, Fenici, Hebrei, Arabi, Punici, Tartari, Persi Turchi Latini, Greci, Giacobiti, Coptitii, Macedoni, Missij, Bulgari, Seruiani Russij, Dalmati, Illirici, Indi, Armeni, Vuandali, di Virgilio filosofo, d'Apollonio Tbianeo, de' Hieroglifici, de' Babilonij, de gli Eritrei, de' Saracēni, de gli Egitij, de' Gotti, de gli Hiberi, de' Georgiani, de gli Hetrusci, legga l'opera del predetto Don Thesco Ambrosio Panese in queste cose consum

Marco Varrone, Nonio Marcello, Aulo Gellio, Prisciano, Guarino, Biondo, Aldo Manutio, & altri assai. dell'Hebraica il Rubbino Hilia, fante Pagnino, Marco Marino Bresciano, & molti altri. della Greca Emanuele Chrisolora, Francesco Pergara, Vibano, Bolzanio, Constantin Lascaro, Theodoro Gaza, & infiniti altri, della volgare il Bembo.


Guglielmo Postello.

Giouanni Potken.

„Латини, Грци, **Македонци**, Бугари, Срби, Илири, Армени...“[410]

409 https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/05/1595_Lorenz-Scheurl-Familia-Othomannica-Et-Quas-Singuli-Ex-Ea-Tyranni-Clades-Christianis-Nefarie-Intulerint-...-768x489.jpg; Scheurli, L. *Familia Othomannica Et Quas Singuliex ea tyranni clades christianis nefarie intulerint*. Pragae, M.D.XCVII.

410 *La piazza universal di tutte le professioni del mondo*. Venetia, MDCI.



CVNEVS
PROPHETARVM
DE
CHRISTO
SALVATORE MVNDI,
ET EIVS EVANGELICA VERITATE,
ITALICE, ET EPIROTICE CONTEXTA.
Et in duas Partes diuisa
A PETRO BOGDANO
MACEDONE
SACR. CONGR. DE PROP. FIDE ALVMNO.
Philosophiæ, & Sacræ Theologiæ Doctore, olim
Episcopo Scodrensi, & Administratore
Antibarensi; nunc verò
ARCHIEPISCOPO SCVPORVM,
AC TOTIVS
REGNI SERVIÆ
ADMINISTRATORE.
PARS PRIMA.
PATAVII, M. DC. LXXXV.
EX TYPOGRAPHIA SEMINARII.
OPERA AVGVSTINI CANDIANI.
SVPERIORVM PERMISSV.


XLVII

AL
BENIGNO
LETTORE.

SE il Sole hà le sue macchie, se la Luce le sue ombre, se il Cielo li suoi mostri, non ti rechi maraviglia, ò Lettore, se nel legger il mio Libro scorgerai qualch'errore. T'avvertisco, per scusarne alcuni, che lo Stampatore non hà cognizione della lingua Albanese, e che io, per esser nato Macedone, non hò potuto haver la lingua Italiana del tutto purgata. In quanto poi alla frase, sappi, che io scrivo per gente idiota, e scrivo per l'utile della Santa Fede, non per honor mio.

NOI


Пјетро Богдано во 1601 год.: „...и дека јас, затоа што сум роден **Македонец**...“[411]



SE il Sole hà le sue macchie, se la Luce le sue ombre, se il Cielo li suoi mostri, non ti rechi maraviglia, ò Lettore, se nel legger il mio Libro scorgerai qualch'errore. T'avvertisco, per scusarne alcuni, che lo Stampatore non hà cognizione della lingua Albanese, e che io, per esser nato Macedone, non hò potuto haver la lingua Italiana del tutto purgata. In quanto poi alla frase, sappi, che io scrivo per gente idiota, e scrivo per l'utile della Santa Fede, non per honor mio.

[411] Petro Bogdano Macedone. *Ac totius Regni Serviae administratore, pars prima*, patavii, M. DC. LXXXV, XLVII.

1603 год. Лудовик Церва.




LVDOVICI TVBERONIS DAL-
MATÆ ABBATIS, &c.
COMMENTA-
RIORVM DE REBVS,
QVAE TEMPORIBVS EIVS IN
ILLA EVROPÆ PARTE, QVAM PAN-
nonii & Turcæ eorumq; finitimi inco-
lunt, gestæ sunt,
LIBRI VNDECIM:
SVMMA FIDELITATE NEC NON DI-
LIGENTIA CONSCRIPTI.
IN FINE INDEX RERVM ET VERBORVM PRÆ-
cipue memorabilium
FRANCOFVRTI,
Impensis Claudij Marnij, & hæredum
Ioannis Aubrij.
M. DC. III.
Lodovico Cerva - 1603
S4134

DE TEMPORIB. SVIS LIB. VII. 175
ter loquendum immiscent. Vnde eum satis constet Macedonas patrio quodam seorsum à Græco, & Illyrico sermone vsos, tefte Alexandro Magno apud Curtium, suspicor, ipsos Albanesios antiquos esse Macedonas, à Bulgaris Sarmatiæ Asiaticæ gente, é mediterraneis regionibus in maritimam Macedoniæ oram expulsos. non enim me præterit, accolas olim Rha fluminis, quos nunc partim Rhassianos, partim Bulgaros appellant, pulsos à Tatharis, à patriis sedibus profugos, ad Tanaim animem, inde ad Istrum peruenisse, tandemque occupatis Thracijs, atque Illyrico, Macedoniæque quoque mediterraneis subegisse. Inde Albanesios relictis campestribus Macedoniæ locis montana totius fere Græciæ necessario insedisse; nempe facilius adducor, vt credam, hanc gentem Macedonas potius esse, quam Albanos, qui in Asia vltra Cirum amnem sedes habeant, atque ad Caspium pertingunt mare: propterea quod Albanos ex Asia in Europam aliquando venisse, neque Græcis, neque Illyricis, neque Latinis monimentis (quod sciam) traditum est; & satis constat, Albanum, haud obscuram Macedoniæ vrbem, supra Dyrrachium non procul à montibus, qui Dalmaras & Dardanos à Macedonibus dirimunt, titulo fuisse: o-
mentorumque pars è Turcaico interiit exercitu. Eandem fortunam mancipia quoque fubiere. Vix enim ex decem millibus captiuorum dimissa pars hostilem terram attigit. cæteri, quos præsertim Pannoniorum metus, per quorum fines in Bossinam redem-

patrio quodam seorsum à Græco, & Illyrico sermone vsos, te
lexandro Magno apud Curtium, suspicor, ipsos Albanesios
quos esse Macedonas, à Bulgaris Sarmatiæ Asiaticæ gente,
diterraneis regionibus in maritimam Macedoniæ oram
sos. non enim me præterit, accolas olim Rha fluminis, quos
partim Rhassianos, partim Bulgaros appellant, pulsos à Tat

„Албанци, Бугари, **Македонци**...“

1604 год. Марцелиус Донатус.




SCHOLIA
SIVE
DILVCIDATIONES
ERVDITISSIMAE
IN LATINOS PLEROSQVE
Historiæ Romanæ Scriptores
Quorum nomina versa pagina ostendet.
MARCELLO DONATO
PONZANI COMITE,
Et Sancti Stephani Equite Commendatario, Authore.
Cum Judice rerum Memorabilium.
SVPERIORVM PERMISSV, ET PRIVILEGIIS.
VENETIIS, M DCIIII.
Apud Iuntas.

Marcelli Donati. 51
ait. Eiusdem formulæ disceptatio de Pertæbeorum Magnetumque oppidis fuit, omnium enim iura possidendo per occasiones Aetoli miscuerant. hoc est, eiusdem actionis iudicium Pertæbeorum & Magnetum oppida sibi ab Aetolis ablata reddi petentes. Et paulò post subdit Liuius. Et Parachelóida, quæ Athamaniorum esset, nullo iure Thessalorum formulæ factam, hoc est, nullam iuris actionem Thessalos habere in Parachelóida, quæ Athamaniorum esset. Et rursus inquit: De iniurijs, quas vltro citroque illatas querantur, quomodo inter eas gentes & Macedonas disceptetur, formulam iuris exequendi constituendã, ideſt, constituendum, iniuriarum actiones ex iuris forma exequé das esse alterutrum inter Macedonas, & gentes illas, Formulę iniuriarum meminit Suet. in Vitellio, c. 7. in hęc verba: Quum libertino cuidam acerbius debitum reposcenti, iniuriarum formulam quasi ab eo calce percussus intendisset, Liuius quoque lib. 43. tradit. Lamprocenos in sociorum formulam referre. Q. Mæmius prætor iussus, hoc est actionem illis sociorum datam, vt scilicet (quod petierant, si pax cum Perseo fieret a Rom. exciperentur, nec amplius in regia potestate essent. Et lib. 44. de Onosimo Macedone inquit. Senatus eum in sociorum formulam recipi iussit, ideſt illi eam actionem iuris concedi quã Romæ socij habebant. Et lib. 45. vbi de Paulo Aemilio ait. Diuisæ itaque Macedoniæ partium vsibus separatis, quanta vniuersos teneat Macedonas formula dicta, quum leges quoque se daturum ostendisset, hoc est quam iuris actionem Romani haberent in Macedonas, & quę iuris actio competeret Macedonibus, statutum. Et lib. 40. scribit vis hãc formulam cognitionis esse, ideſt actionẽ in iudicio. Nam vt dixi in vnaquaq; actione erat verborum formula statuta, qua vtebantur in actione intentanda. Vndè tot, tantæque actionum formulæ, quas videre poterit Lector apud prælegatos scriptores. Hæc omnia interim annotauimus quum Turnebus lib. 14. c. 11. Aduers. hæc Liuij verba concisè, ne dicam subobscurè explicauerit.

„Македонци, Македонија...“[412]

[412]https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/05/1604_Marcelo-Donato-Ponzani-Comite-768x594.jpg

1605 год. Ґакомо ди Петро.



COPIOSO
RISTRETTO
DE GLI ANNALI
DI RAVSA.
LIBRI QVATTRO.
DI GIACOMO DI PIETRO LVCCARI,
Gentilhuomo Rauseo:
Ove diligentissimamente si descrive la Fondatione della Città, l'origine della Republica, e suo Dominio, le guerre, le paci, & tutti i notabili auenimenti occorsi dal principio di essa fino all'anno presente MDCIIII.
Et insieme si narra il sito, i costumi, gli habiti, il governo, i Magistrati, le Famiglie Nobili, & gli Arciuescoui d'essa.
Con la Tauola, Licenza de' Superiori, & Priuilegio.
IN VENETIA, Ad instantia di Antonio Leonardi. 1605.

Libro Secondo. 59

quini imbarcatosi in due galee, che da Ragusa erano venute à riceuerlo, se ne venne à Rausa. La Signoria l'aspettò alla porta della Città, essendo piene le strade di gentilhuomini, che gli andauano incontro: fu visitato da' Prelati nel palazzo publico, doue con tanta leggiadria, e pompa era alloggiato; ch'egli stesso giudicò, e disse, che non poteua esser raccolto più sontuosamente, nè più riccamẽte presentato, nè con maggior abbondanza di tutte le cose pastteggiato con tutta la sua famiglia. Li fece anco il Dominio fare da' artefici Greci l'imagini, e figure, che rappresentauano le vittorie, & le spoglie, ch'egli riportò da' Bulgari, Greci, Vngari, Turchi, Macedoni, Tartari, Slaui, e Bosnesi: finalmente gli volse far vna statua di pietra fina; ma considerando che questa scoltura manco dilettaua, che la pittura, rispetto ch'ella non ha quella vaghezza, ch'hanno i colori, lo fece da vno valente Pittore ritrarre in vn quadro al naturale. Ma Stefano stette à Rausa otto giorni, assermando i priuilegi alla città, e quelli, che spettauano à Szagno feudo di Bosna: raccomandò alli Padri la libertà, & la ricchezza, & la fortificatione di Rausa, & fece ammettere nella nobiltà Nicolò Bucchia suo Pro-

Rausei fanno dipingere le vittorie, e trionfi di Stefano.

Stefano affer ma i priuilegi a' Rauſei.

Nicolò Bucchia è ammeſſo alla nobiltà di Rauſa.

Stefano Imp. parte con le galee Rauſee à Cataro.

Manda gli Ambaſciadori a' Venetiani, & ſi pace frà loro, & gli Vngari.


Andrea Rè di Napoli more con fraude della ſua moglie.

Lodouico Rè d'Vngaria entra armato in Italia, & pré-

Il 2 racina,

„Бугари, Грци, Унгарци, Турци, **Македонци**, Татари, Слави, Бошњаци...“

1606 год.



HISTORIAE
AVGVSTÆ
TOMVS SEPTIMVS,
QVI ET VLTIMVS.
Ab imperio Friderici II. in Occidente, ad Rudolphi Secundi XXX. annum; & Theodori Lascaris in Oriente, ad captam Constantinopolim; deinde ab Ottomanno Turca ad Achmetem primum, nempe ab anno Christi 1210. ad annum 1606.
EX PROBATIS HISTORICIS COLLECTVS.
Huic accessere tum BREVIARIA, singulis historiis prefixa, NOTÆ perpetuæ ad margines, mutulæ ac pilcatæ, GNOMOLOGIA historica, CHRONOLOGIA Angusta, INDEX rerum tum operi insignium.
APVD IACOBVM STOER.
CIↃ IↃCIX.

436 IMPERATORES

bello narrant Mahometen deuictũ esse à Petro Laurentio Veneto apud Callipolin, & classe munitissima spoliatum esse cum multa Turcorum clade, Emanuelem Palæologum verò interea Isthmum, vt olim Peloponnesij Xerxis tempore fecerãt, ne pateret ea parte irruptionibus Turcorum, muro cinxisse, quem hexamilum nominarunt, eo quod in ils angustiis, quæ Ægæum mare Ionicumque disterminant, inter sinus duos Corinthiacum & Megaricum in sex milliarium spacium fuerit porrectus, ac Peloponnesum totam (hodie Morcam vocãt) ita inclusserit, vt eam velut insulam effecerit. Perfosionem enim Isthmi antea à Demetrio rege, Iulio Cæsare, Nerone & Herode Attico aliquoties frustra coeptam, tentare denuo irrito conatu noluit.

Manuele Palæologo exempla illorum adsentium.

Nostri cum perhibent ignauia & cunctatione principum Europæ, diffidiisque inter se Græcorum ac vicinorum confirmatum, Bulgaros, Scrutos ac Macedones diu vexasse, vsque ad Sigismundi regis Vngariæ aduentum. Nondum enim ad imperium peruenerat. Hunc enim, quod arripiendam conferet occasionem quam Scytharum victoria ad nomen Ottomannicum non ex Europa solum, sed & Asia vniuersa pellendum delendumq; aperuerat, & et cladem Nicopolitanam vlciscereur, excitis studio tuendæ propagandæque religionis Vngaris & Boemis, valida magis quam felicia arma in Celebinum susceptisse certo constat. Concurrisse eos infestis armis ad Columbacium Servianorum oppidum iuxta Samandriam, non procul à ripa Ibri, supra dixi. In ea pugna quamanno Christi millesimo, quadringentesimo nono proximo scilicet ante Sigismundi imperium anno, commissam esse retuli. Christianis acies equitatu impar, sed peditatu, qui in medio constitutus erat superior, iniquissima ratione cum barbaris congressa cecidit, peditatu omni post equites Hungaros & Boemos loco depulsus, circumfusi equitatus Turcici sagittis confixo.

Sigismundi Cæsaru prædicta victoria Deus, peccata Christianorum vindicatura, Turcos prosperis egere sinit.

Clades Christianorum.

Græci huic Mahometi tribuunt annos duodecim, qui

„Грци, Бугари, Срби, **Македонци**...“

1607 год. Савојскиот војвода Карло Емануел I испраќа свои доверливи луѓе во Македонија. „Договорено беше вчера утрото една личност во служба на војводата од Савоја, дојдена од Албанија и **Македонија**, а беше пристигнала во куќата на еден свој роднина во околината на овој град ... Тој ми ја раскажа причината што минатата година го довела во служба на ова Височество и ми кажа дека од него бил испратен заедно со двајца други од неговиот двор во Кралството **Македонија и Албанија**...“[413]

1615 год. Охридскиот архиепископ Атанасија бара странска помош за дигање востание против османлиската власт.[414] „И не можејќи да го поднесуваме тоа, долго време го бевме нашле и измислиле патот и начинот како да се ослободиме од овој тежок јарем, а тоа може лесно да стане, зошто откако ја пропатувавме **Србија, Босна, Далмација, Албанија, Црна Гора, Долна Македонија, Грција, Тракија и Бугарија** и воопшто насекаде каде што држи и владее Турчинот во Европа...“[415]

1618 год. Некои иницијативи на македонски првенци во Европа. „Да се заземе Цариград, Солун и Хиос истовремено. Благородништвото на **Македонија** не сака да има ништо со кралот на Шпанија откако слушна како тој лошо ги третира своите поданици во Неапол и Сицилија.“[416]

1620 год. Далматински бискупи.[417] Во едно писмо до папата Павле V далматински бискупи барале во Колеџот во Лорето да им се доделат места на питомци: „Срби, Бугари и **Македонци** кои во иднина нема да имаат причина да се обраќаат до Светиот престол за стипендии.“[418]

---

[413] Истото, 144-145; *Грађа за историју покрета на Балкану против Турака крајем XVI и почетком XVII века*. По италијанским архивима сакупио Томић, Ј. Н. књ. I, год. 1595 - 1606, Млетачки државни архив. Београд, 1933: 473-474.

[414] Архиепископот Атанасија во 1596 година ја напуштил Македонија и тргнал да бара помош од италијанските, австриските и шпанските владетели.

[415] *Документи за борбата*..., том 1: 145-147; Макушев, В. *Историски споменици Јужних Словена и околних народа*. Београд, 1882: 297-299; Лапе, Љ. *Одбрани текстови за историја на македонскиот народ*, I. Скопје, 1975: 261-263.

[416] Истото, 147*; Calendar of State Papers and Manuscripts relating to English Affairs existimg in the Archives and Collections of Venice and other Libraries of Nothern Italy*, vol. XV, 11864. London: 201-202.

[417] Во Колеџот во Лорето во 1620 година студирале тројца Македонци стипендирани од Ватикан кои во ватиканските архиви се водат во одвоена колона од другите балкански народи.

[418] www.sutori.com< *Македонски идентитет 1600 - 1920*. НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје. Збирка од факсимили од ватикански документи.

1629 год. Јоханес Карион.



„Трибали, Бугари, **Македонци**...“

1635 год.



„Унгарја, Босна, Србија, Бугарија, **Македонија**, Епир, Грција, Пелопонез, Тракија...“

1646 год.



L A
PENNA FEDELE
Nelli presenti rumori del Turco.
DEDICATA
All'Illustriss. & Eccellentiss. Sig.
LVIGI STROZZI
MARCHESE DI FORANO,
E DVCA DI BAGNOLO.
Di Don Alessio Pulci Aquilano.
IN ROMA, Per Lodouico Grignani. MDCXLVI.
Con licenza de' Superiori

Fortuna alla soverchia altezza dell'Ottomano Imperio, ch'à quel tempo con il nome de' Turchi estinto sarebbesi, se la leggerezza, & inuidia de' Greci non hauesse cauato dalle Carceri Calepino figlio di Baiazetto, & aiutatolo con l'armi, acciochè inuadesse i Bulgari,

CAPIT. I. 11

gari, & i Macedoni, e pòscia infestato il Despoto di Seruia, e danneggiati li confini dell'Imperatore di Costantinopoli cedè la vita alla Morte.


Mà non cederono trà Christiani le riuolutioni, mentre grauemente era trauagliato Sigismondo Imperadore, e da Turchi à Nicopoli, e da Zisca Capitan de gli Heretici in Boemia. O forsi succedendo nel loco di Baiazetto il primo Maometho, non succederono le Tragedie tra'Christiani? e mètre guerreggiauano i Polacchi con i Prussij, gli Vngheri con i Venetiani, i Greci con gli altri Greci, che marauiglia, ch'esso portasse guerra à i Valacchi: e ripassando in Natolia, racquistasse le terre perdute al tempo del Tamberlano? E che l'istesso succedesse al suo successore Amorathe Secondo, disfacendo, & vccidendo al Fiume Varna Vladislao Rè di Vngheria, e di Polonia: mentre gli Vngheri scontenti, & i Polacchi lenti, e quelli, à quali s'appoggiaua la somma del negotio trauano inuidiosi à rigiuidare?

O forsi dal secondo Maometho non fù preso il capo della Grecia, la fede degli Imperadori, la Rocca, e l'ornamento di Tracia

B 2 Co-

„Македонци, Полјаци, Пруси, Грци, Власи...“

1650 год. Џејмс Хауел.



Those Countries that border upon *Germany*, as *Bohemia*, *Silesia*, *Poland*, and those vast Countries North-Eastward, as *Russia* and *Muscovia*, speak the *Slavonic* language: And it is incredible what I have heard some Travellers report of the vast extent of that language, for beside *Slavonia* it self, which properly is *Dalmatia* and *Liburnia*; it is the vulgar speech of the *Macedonians*, *Epirots*, *Bosnians*, *Servians*, *Bulgarians*, *Moldavians*, *Rascians*, and *Podolians*; nay it spreads her self over all the Eastern parts of *Europe* (*Hungary* and *Walachia* excepted) as far as *Constantinople*, & is frequently spoken in the Seraglio among the *Janizaries*; nor doth she rest there

Во книгата *Нов том на познати*, објавена 1650 год. од Џејмс Хауел, **Македонците** се наведени како посебен народ.[419]


[419] https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/09/1650_James-Howell-A-New-Volume-of-Familiar-Letters.jpg

1661 год. Митрополит Софроний. Таа година во Москва дошол некој Софроний, кој се претставил како митрополит на Филипопол и Драма и барал милостина во име на народот познат како македонски - **„въ народ извѣстній подъ именемъ Македонскаго.“**[420]

1656 год. Кристијан Матијае.




„Трибали (Срби), Бугари, **Македонци**...“



[420] Здравева, М. *Македонскиот XVIII ...* : 167.


1664 год. М. Тома Јоане.



UCALEGON
GERMANIÆ, ITALIÆ
ET
POLONIÆ
HVNGARIA,
FLAMMA BELLI TVRCICI
Ardens.
Productus
à
M. THOMA JOANNE
PESSINA de CZECHOROD,
Decano Lithomiſſienſi, &
Marchionatûs Moraviæ
Hiſtoriographo.
Editio ſecunda emendatior.
LITHOMISSLII,
Typis JOANNIS ARNOLTI.
Anno 1664.

18
teſtatem Græcorum venerunt: nam, cùm capto Patre, periculum evaſuri, ex Aſia in Thraciam navigare contenderent, in naves Græcorum inciderunt, à quibus capti ſunt; alij verò ipſorum fratres in Aſia delituerunt. Celebinus, ſeu aſtu ſuo, ſeu (quod veriſimiliùs eſt) Græcorum nautarum avaritiâ adjutus, quòd fato vocaretur ad Imperium, evaſit feliciter Adrianopolim: ubi collectis veteranis, qui è Scytharum manibus elapſi in Europam quoq; trajecerant, regnum quaſſatum, & penè fractum, rurſus firmavit, Bulgaros, Servios, & Macedonas, qui collectis copijs ſua repetere volebant, ingenti clade affecit: Sigiſmundum quoq; Regem Hungariæ, qui ut clademNicopolitanam ulciſceretur, excitis Hungaris, Bohemis & Germanis, de novo arma in Turcas ſuſcepit, ad Galambocum Raſciæ arcem, quam circumſederat, oppreſſit, ita ut vix ille parvo iterum navigio Danubium tranſiens hoſtiles manus evaſerit: quod factum Anno 1409.
Poſt Celebini interitum, Orchanes filius, tenellâ ætate adoleſcentulus, quorundam Principum ductu & auſpicio Regnum

„Бугари, Срби и **Македонци**...“



JOHANNIS CLUVERI
HISTORIARUM
Totius Mundi
EPITOME,
A prima rerum Origine uſque ad annum Chriſti M DC XXX,
E ſexcentis amplius Authoribus ſacris profanisque, ad marginem adſcriptis, excuſa, & hiſtoria unaquæque ex ſui ſeculi ſcriptoribus, ubi haberi potuerunt, fideliter aſſerta.
Acceſſit per ipſum Authorem continuatio Hiſtoriæ ad annum M DC XXXIII. nunc aucta uſque ad concluſionem pacis inter Anglos & Batavos initæ, anno M DC LXVII.
Editio ſeptima multo correctior & emendatior.
CUM UBERRIMO INDICE.
EXSPECTANDO
AMSTELÆDAMI,
Apud JOANNEM RAVESTEINIUM, Civitatis & Illuſtris Scholæ Typographum Ordinarium.
cIↃ IↃC LXVIII.
Cum Sacra Cæſ. Majeſt. Privilegio.


ſul Cantabrigienſis, Henricumque, injecta ſpe regni, Lugdunum perducit. Extemplo Richardus in cuſtodiam datur, vitæque dubius, gubernacula cogitur tradere Henrico, quum annos regnaſſet XXII. Nec multo poſt vitam claudit. Hæc in Anglia.


Laon. l. 1. Annal. Turcic.

In Turcia, Amurathes multis maximiſque victoriis florebat. Cum Myſos, Epirotas, Macedones profligaſſet, quoslibet deinceps bellis laceſſebat. Emanuël Palæologus, Calo Joannis filius, caſtra ejus ſequebatur. Placebat Triballorum (Servios vocant) principem Lazarum invadere. Is Hungarorum implorata ope, quam maximis poterat copiis,

Книгата на Јохан Клувер од 1668 год. во која се споменуваат **Македонците** во периодот кон крајот на XIV век.

1668 год. Јохан Клувер.[422] „Кога **Мизите**, **Епирците** и **Македонците** ќе бидат поразени и потчинети од Турците, тогаш е вистинско време за војна. Еманоел Палеолог,[423] следен од неговиот син Јоан и Трибалите (нарекувани Срби) на принц Лазар ќе нападне.“[424]


ΣΩΚΡΑΤΟΥΣ
ΣΧΟΛΑΣΤΙΚΟΥ
ΚΑΙ
ΕΡΜΕΙΟΥ ΣΩΖΟΜΕΝΟΥ
ΕΚΚΛΗΣΙΑΣΤΙΚΗ
ΙΣΤΟΡΙΑ
SOCRATIS SCHOLASTICI
ET
HERMIÆ SOZOMENI
HISTORIA ECCLESIASTICA.
HENRICUS VALESIUS Græcum textum
collatis MSS. Codicibus emendavit, Latinâ versione, & Annotationibus illustravit.
Adjectæ sunt ad calcem Disputatio Archelai Episcopi adversus Manichæum.
Cum Privilegio Sacr. Cæs. Majestatis.
Justa Exemplar quod anno PARISIIS excudebat ANTONIUS VITRE,
Nunc vero
Verbotenus & correctiùs edebant
MOGUNTIÆ,
CHRISTIAN GERLACH & SIMON BECKENSTEIN.
M DC LXXVII.


CONSTANTINUS. Ecclesiasticæ Lib. I. 403
A
Κεφ. β'.
Κρίσπου καὶ κωνσταντίου τῶν καισάρων ὑπατευόντων, ἠγέρθη μοῦτης ῥωμαίων ἐκκλησίας σὺν ὄχλῳ ἐπὶ τὸν ἐν ἀλεξανδρείᾳ ἀλέξανδρον, καὶ μακεδόνα τὸν ἱεροστολήσαντα τῆς ἀντιοχέων τῶν πρὸς τῇ ὀρόντῃ, B ῥωμαίων ἤτοι ὡς ἐπιτεθειμένου τῶν δογμάτων, ὡς εἶχεν, μὴ συγχωρησάντων χριστιανοῖς ἐν τῇ χαλκαίᾳ σὺν ἐκ μάχης δὲ οἱ εἰς νικηθέντες, θαυμασάντων τὴν βίᾳ καὶ τῶν λόγων δύναμιν, ἄξιον ἐθαυμασαν τὴν ἀποστολικὴν ἀρχὴν ἠγήσαντο καὶ ἐπεσκόπουν αὐτῆς γνήσιον βορρᾶιας, εἰς ἀντιόχειαν μέλλησας τῶν δὲ χριστιανῶν οἱ μὲν πρὸς ὀλίγον μέχρι τῶν ὁμόρων αἰγυπτίους λιβύων. ὡς δὲ ἄρτιον ὅτι τὸ φανὲν σύνηλθεν ἐπὶ τὸ μεγαλομάνιον τὴν πρὸς αὐτὸς ἀλοίας· οἱ δὲ ἀνὰ τὴν ἄνω, ἕλλησιν τε καὶ μακεδόνας καὶ ἀλυριοὺς, ἀδιαφθάρσκειαν διὰ κωνσταντίου, ὃς ἦγετο τῶν τῆς ῥωμαίων.

CAPUT II.
Quinam fuerint majorum civitatum Episcopi Constantino Magno regnante: & quod Orientem quidem magis adhuc propter Licinium tenuerint Christiani eâtenus: Occidentis vero propter Constantinum libertatem fidem Christi professuerint.
COnsulibus Crispo & Constantino Cæsaribus, Romanæ quidem Ecclesiæ Silvester Præfulatum gerebat: Alexandrinæ vero Alexander, & Macarius Hierosolymorum. Antiochiæ autem ad Orontem fluvium sitæ nemo adhuc post Romanum constitutus fuerat Episcopus, persecutionibus ut verisimile est, ordinationem fieri prohibentibus. Sed non multo post Episcopi apud Nicæam congregati, cum Eustathium ob vitæ simul ac doctrinæ meritum admiratione prosequerentur, dignum eum judicarunt qui Apostolicæ Cathedræ præsideret: ac proinde cum Episcopus esset vicinæ urbis Berææ, illum inde Antiochiam transtulêre. Quo quidem tempore Christiani qui in Orientis partibus ad Libyas usque Ægyptios finitimos degebant, Ecclesiasticos conventus palam celebrare minime audebant, propterea quod Licinii erga ipsos immutata esset benevolentia. Christiani vero in Occidentis partibus commorantes, Achaïcos, Macedones & Illyrii, religionis suæ solennia intrepide agebant. Constantini operâ, qui Imperium Romanum in illis regionibus administrabat.

Книгата *Црковна историја* од Сократ Схоластик и Хермеј Сосомон (1677) во која **Македонците** се споменуваат како народ во времето на Константин Велики во IV век.

1690 год. Манифест на австрискиот цар Леополд I до балканските народи. „На сите народи кои зависат од нашето наследно Унгарско Кралство (Леополд бил и унгарски крал) и на сите други кои ќе го читаат ова или ќе слушнат за него..., ги повикуваме сите народи населени низ цела Албанија, Сервија, Мизија, Бугарија, Силистрија, Илирија, **Македонија,** Рашка, како и другите земји... да одговорат на нашата побожна и татковска желба... да преминат сите на наша страна и да земат оружје против Турците...“[425]

---


[422] Дански историчар. *Историски приказ на отпорот на византискиот император Мануел II Палеолог, кон наездата на Турците*. Во оваа историја, во времето кога Македонија е под средновековна српска власт, јасно ги издвојува Македонците од Србите, Мизите и Епирците.

[423] Мануел II Палеолог, византиски император (1391 - 1425).

[424] ВЕБ - страница: Заблудите на Дарко Митревски. (http>//archive.org?details/johannescluverih00ci; http://archive.org/stream/johannescluverih00ci#page/mode/2up.); https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/06/1668_Johannis-Cluveri-Historiarum.

[425] *Документи за борбата*…, том 1, 157-158; Радонић Ј. - Костић, М. *Српске привилегије од 1690 до 1792*, Посебна издања, CCXXV, Нова серија. Књ. 10. САН - Оделење друштвених наука Београд, 1954: 26-27.

1690 год. Заштитно писмо на царот Леополд I за македонскиот народ. „Со ова известуваме дека двајца **Македонци**, Марко Краида, роден во Косана (Кожани) и Димитриј Георги Поповиќ, роден во **македонски** Солун (in Saloniki macedonica natos), ни изложија колку **македонскиот народ** (gens Macedonica) поради почит кон нашето најправедно дело, а со жар и ревност кон нашата служба со сериозна намера е склоно да премине од преголемиот турски јарем под наша заштита... милостиво го прифаќаме и го примаме под наша царска и кралска милост во секој начин и вид гореспоменатиот **македонски народ**, љубезно препорачувајќи им, поединечно и на сите наши воени заповедници, да не го напаѓаат споменатиот **македонски народ** ниту да му причинуваат непријатности, туку според силите секојпат и во секоја околност да го заштитуваат, бранат и да му помагаат за таа цел... Претставници: бранители на **македонскиот народ** кои преминале во краиштата на царското Величество. Изложено во Виена на 26 април 1690 година...“[426]


Leopoldus etc.
Notum hisce facimus exposuisse nobis ambos Macedones Marcum Craida (?) Cosanae et Demetrium Georgium Popowik in Saloniki macedonica natos, qualiternam gens Macedonica intuitu justissimae causae nostrae et fernore atque zelo erga servitia nostra serio cum affectu inclinet, ab immani turcico jugo in devotionem nostram transeundi, quomodo gratia et protectione nostra secura redderetur. Quare ex innata benignitate et qua nobis sanctaeque religioni christianae affectos protegendi ferimur clementia nooli, praefatam gentem macedonicam universam in genere et specie in gratiam nostram caesaream ac regiam hisce clementer suscipimus et acceptamus, omnibus et singulis nostris officialibus bellicis benigne demandantes, ut repetitam gentem

Хабзбуршкиот цар Леополд I и дел од заштитното писмо за македонскиот народ.
(*Македонски идентитет 1620 - 1920*, www.sutori.com)

1700 год. Запис на псалтир од втора половина на XV век. „От лето 7208[427] от Христово рождество то лето слан’це загина и то лето **Македоне** голема панукла. големи морови. нигде гр’д здрав не остана, ни село.“[428]

[426] Истото, 158-159; Радонић, Ј. „Прилози за историју Срба у Угарској у XVI, XVII и XVIII веку“. *Матице српске*, бр. 25-26, прва књига. Нови Сад, 1908, 52-53; Матковски, А. *Македонскиот полк* ... : 92, 94.

[427] Година според византискиот календар.

[428] *Словенски ракописи во Македонија*, книга I. Архив на Македонија. Скопје, 1971: 133.

Крај на XVII или почеток на XVIII век. Раванички препис на Душановиот законик.



Крај на XVII век, раванички препис на Законикот од Стефан Душан на кој пишува: „Благочестиваго Христољубиваго Цара Стефана **македонскаго**, сербскаго, болгарского...“

IV ДЕЛ



ПРОТОПРЕРОДБЕНСКИОТ ПЕРИОД ВО XVIII ВЕК И ИМЕНСКАТА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИТЕ ИССЕЛЕНИЦИ ВО ЕВРОПА

МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕВРОПА ВО XVIII ВЕК КАКО НОСИТЕЛИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНА ИМЕНСКА САМОСВЕСТ

Протопреродбенскиот период поврзан со именската самоидентификација единствено може да го препознаеме во изворите создавани од Македонците и за Мкаедонците кои живееле во европските држави. Можноста за самоидентификација Македонците започнале да ја применуваат, дури откако ги напуштиле границите на Османлиската Империја и нивната татковина Македонија. Но она што е многу интересно за овие Македонци е фактот што тамошните документарни извори покажуваат дека нивната самоидентификација речиси без исклучок е поврзана со името „Македонец", а документите од Хабзбуршката Монархија и Руското Царство покажуваат дека и термините „македонски народ" и „македонска нација" биле употребувани за идентификација на Македонците, и тоа од највисоките државни и царски канцеларии. Отсуството на називите „Словени од Македонија" и „македонски Словени" најверојатно се должи на усвоеното сфаќање дека секој илирски (словенски) народ си има свое име и во тој случај било непотребно да се нагласи илирството (словенството) во нивната именска идентифаикација.

Освен тоа, и територијалната идентификација која се барала од самите Македонци во европските земји имала несомнено дополнително значење до таа мера што атрибутот „Македонец", честопати луѓето од Македонија кои живееле низ Европа, самите го додаваат на своето име и презиме.

Да не заборавиме дека големата продукција на географски карти во кои е претставена традиционалната македонска земја во XVIII век била голема. Тие карти влијаеле врз севкупната тогашна европска јавност, а со тоа и на Македонците кои живееле на тој простор за територијалната посебност на Македонија. Во XVIII век, речиси без исклучок, во европските карти печатени во поголемите центри, како што се: Лондон, Париз, Рим, Амстердам, Аугсбург, Нирнберг, Петроград итн., Македонија географски ги опфаќала истите простори како што тоа го подразбираме и денес.[429]

[429] Петрушевски, И. цитиран ракопис; еве некои од нив: Mall Herman, Turquie in Europe, London, 1700, (BM – MR 15.b.5); G.D. Z'Isle Guillaune de, Graeciae Pars Septentrionalis, Roma, Петроград 1707, (BM – MR K 2.66 (2); Z'Isle Guillaune de, Carte de la Grece, Paris, 1707, (BHF E 868); Price C., Senex I, Mexwel I., Turky in Europe, London; Paris, 1708 – 1711, (BM – MR 148 c 2/20); Homan Baptist, Danubii cum adiacentibus Reginis nerc non totius Graeciae et Archipelagi Novisima Tabula, Norimbergae, (171?), (НБС (Кр II 446); Seutter Mathaus, Graecia Nova et Mare Aegeum S. Archipelagus, in qua Mappa Macedonia, Albania, Epirus, Thessalia et Morea, Cum circumjacentibus insulis Cercyra, Cephaloniiae, Zacyntos, Stalimene, Metelino, Chios, Amsterdam, 1725, (BM-MR 43. 305. 7); N. de Fer, La Gréce ou la partie méridionale de la Turiquie d'Europe, Paris, 1716; Bruders

Истата тенденција на претставувањето на македонската територијална посебност во Европа ја среќаваме и во следните грбовници: Печатена стематографија на Павле Ритер Витезовиќ од 1701 год.; грбовникот наречен „Кодекс Кевешиќ“ од 1740 год.; Стематографија на Христифор Жефаровиќ од 1741 год; патријаршиските печати и грбови на Карловачката митрополија од 1741 год.; грбовникот на Иво Сарака во Дубровник од 1746 год.; повелбата од манастирот Горњак покрај Млава од околу 1750 год.; книгата „Heraldicae regni hungariae specimen“ во Виена од 1766 год.; Историјата на Рајиќ од 1794 год.[430]

Македонскиот грб честопати се среќавал на печатите на воените лица во Војводина од 1712 до 1728 година. Најчесто станува збор за пребегнатите

Lotter, Neue graenzcarte zwischen Oesterreish, Russland und der Türkey, Augsburg 1718 – 1735; Johan Baptista Homann, Fluviorum in Europa principis Danubii com adiacentibus regnis nec totius Graeciae et Arhepalagi novissima tabule. Nirnberg, 1720; Turkey in Europe, Corected from the Nenst and most Ehact Observations, London, 1725, (BM – MR 43. 315. 115); Jahson T., Carte de l'Empire Ottoman, Paris, 1730, (BM – MR 43. 305. 7); Anville J., La Grece et les Pays plus Septentriionoux jusqu'au Danube, Paris, 1740, (BNF 60 B24656); Liedl Jakob, Accurate Landkarte der Kongreish Ober – und Nieder – Hungarn, Slavonien, Croatien, Dalmatien, Bosnien, Bulgarien und Romanien, S.LJ, 1740, (копија НУБ КО, К III 377/2 од оргиналот кој се чува во Osterreichische Nationalbibliotetek, Wien); Harenbery Joannes Christoph, Imperii Turciei Eurepaei, Terra, in primis Graecia, Nuremberg, 1741, (НУБ КО); Македония θесалія, Епирь, Петроград, (174?), (НБС Кр VII 7); Schreiber Johnn Georg, Charte von Romanien mit denen Dardanellen Bulgarien und Servien, Leipzig, 1749, (AM, 60/6; DAZ 13 A I 13); Janvier (Jean sieur), Turquie d'Europe et partie de celle d' Asie divisèe par grandes Provinces et Gouvernenis, Paris, (175?), (НУБ КО Ка III 377/9); D. Anton Friedrich Büsching, Die Landdschaft Macedonien, 1750;[429] Robert, Turquie Europèene, Paris, 1755, (BM – MR K 113.16); Philipp M., Greaciae Antiqua, La Gréce Antienne, Pariz, 1765, (AM 56/6); Desnos, Louis Charles, Turquie Europeenne, Avec les Etats quiu en sont Tributaires et les Sieges des Eglises Chretiennes qui y sont etablis par M. Brion, Paris, 1770, (AM 34/12); Mappa Geographica Graeciae Septentrionalis Hodirnae sive Provincianum Macedoniae, Thessaliae et Albaniae in qua ultima Provincia Habitationes sitae Gentis Montenegriane in Comitatu Zentonensi expessae sunt, unacum sintimis Regionibus, atque insulis ex recentissimis novissimisque Subsidüs secundum noeman legitimae projections in usum belli praesentis delinaeta: Cure Homaniaorum Heredum, Norimbergae, 1770, (НУБ б.с.); Le Rouge, (George Louis), Carte de la Bulgarie et Romanie, Pariz, 1770, (KAV B II a 1-4 p 15); Latter Tobias Conrad, Carte geographique du Theatre de la Guere en General representant le Royaume de Hongarie le Pricipaute de Transylvanie et les Royaunes de Graecie, de Dalmacie de Esclavonie de Bosnie de Servie les principautés de Moldavie de Vlahie les Provinces de Bessarabie de Bulgarie et de Romanie avec une grande Partie de l'Etat de Pologne, Augsburg, 1771, (DAZ A III 47); Karte de l'Europe de Turquie en Europe, Pariz, 1788, (BM – MR K 113. 17. 2); A New Map of Turkey in Europe; Divided into all its Provinces with the Adjecent Countries in Europe and Asia, London, 1789, (BM – MR 43. 315. 107); Conde Thomas, Turky in Europe and Hungary, London, 1790, (BM – MR 43. 315. 113); Reilly Franz Johan Joseph, Die Landschaff Macedonien, Wien, 1791, (НУБ КО б.с.); Reilly, Franz Johann Joseph, General Karte von dem Koenigreiche Ungaren und dem Osmanischen Reiche in Europa, Wien, 1791, (DAZ A III 34); Faden Wiliam, European Dominions of the Otomans or Turkey in Europe, London, 1795, (BM – MR 43. 315. 26); Imperii Osmanici sive Turciei Europaei tabula, Das Osmaniche Eich in Europa, 1797, (BM – MR 43.315.6).

[430] Матковски, А. *Грбовите* ... : 113-134.

Македонци по Карпошовото востание, кои заедно со претставниците и на другите балкански народи под османлиска власт се населиле во Хабзбуршката Монархија. Таму тие, меѓу другото, добивале и воени служби и чинови во австриската армија. Дека некои биле од Македонија се гледа од нивните имиња, како што биле: Паунко Македонац, потоа имиња со прекари Серезли, Монастирли, Кратовали и сл.[431]



Македонскиот грб од книгата на Павле Витезовиќ
Стематографија од 1702 год.[432]

За да дојдеме до поконкретни и пошироки заклучоци за Македонците во Европа во XVIII век ќе обрнеме внимание на некои значајни непобитни факти за нив и за кои неминовно се поставуваат одредени прашања.

Прво, уште пред почетокот на XVIII век прикажаните документи на странските автори, истражувачи, војсководци и патописци од XV, XVI и XVII век ги набројуваат Македонците меѓу народите на Балканот. На пример: *Грци, Бугари, **Македонци**, Албанци, Есклавонци* (Хрвати од Славонија), *Расијанци*

[431] Матковски, А. *Грбовите*... 118-119.

[432] https://1.bp.blogspot.com/s1600/mk.jpg.
documents-mk.blogspot.com/2009/08/1701.html.

(Срби од Рашка), *Србијанци и Власи,* од записот на Бертрандон де ла Брокиер (XV век); *Србите, Босанците, Тесалците, Грците, Пелопонесците, Епиротите и Македонците*, според Паулус Мауруценус (1461 - 1462); *Грци, Власи и* ***Македонци***, според Џио Марио Дејли Анџиолело (1470); понатаму *Бугари, Срби и* ***Македонци****, соседи на Грчкиот Принципат*, во една историја за Турците (1584); *Народ познат под името* ***Македонци***, запис на митрополитот на Филипопол и Драма, Софроний (1661); *Мизите, Епирците и* ***Македонците***, запис на Јохан Клувер (1668); потоа истакнати личности со македонско обележје во името: Ладислав **Македонски** (1525); Никола **Македонски** (1526); Волк **Македонски** (1553); Јаков од **Македонија** (1566) и уште низа објавени записи и документи од истите векови во кои покрај другите земји се споменува и Македонија, укажуваат на тоа дека термините Македонци и Македонија не биле никогаш избришани и се употребувале за народот македонски и земјата Македонија во тогашниот актуелен миг, а не како некакви историски категории или сеќавања за античкиот период. Ако на овие документи им ги приклучиме и големиот број географски карти објавувани во Европа од XV до XVIII век, во кои е прикажана земјата Македонија со словенски топоними или мешани антички и словенски топоними и ако уште ги земеме предвид и хералдичките знаци, односно тогаш објавуваните грбови на Македонија, покрај останатите балкански земји, и тоа најчесто во Хабзбуршката Монархија, ќе заклучиме дека континуитетот на овие имиња и тоа како бил присутен до XVIII век. Овие книги и мапи им биле достапни и на писмените Македонци низ Европа. Оттаму, етнонимот „Македонци“, „македонски народ“ и името на земјата „Македонија“ од заштитното писмо на царот Леополд (1690) не треба воопшто да зачудува. Згора на тоа, документот се повикува и на барањето на двајцата претставници на „македонскиот народ“, што укажува дека тие самите се претставиле како Македонци и претставници на македонскиот народ. Дали сите овие документи и други кои подолу се прикажани не се доказ за зачуваното име на Македонија и Македонците?

Второ, најголемиот дел на овие познати имиња на македонската историографијата во XVIII век припаѓале на оние групи луѓе кои тамошните општества не само што ги прифатиле туку таквите наши луѓе биле етаблирани во тие средини како докажани занаетчии, градители, трговци, војници, но и ученици, студенти, па дури и офицери, свештени лица и благородници. Тоа биле писмени луѓе. Така, во некои училишта во Словачка се зачувани

документи од 110 ученици од Македонија коишто се прикажани подолу. Од нив, според народноста, 28 се декларирале како Македонци, 30 Грци (или грцизирани Власи), 6 Срби, 3 Унгарци, 1 Романец, 1 Влав и ниту еден Бугарин, иако немало никаков проблем да се декларираат и како такви. Значи, не станува збор за заталкани луѓе кои стихијата или случајната судбина ги однела во непознато место и не биле свесни за своето потекло. Меѓу тие луѓе имало такви кои уште од првата генерација успеале да стекнат углед во тамошните општества, а втората и третата генерација од македонските иселеници уште повеќе биле прифатени како рамноправни граѓани кои давале свој значаен придонес во тамошното општество, но и придонес во регионалната заедница на која ѝ припаѓале по потекло. Ако не било така, тогаш не би имале можност ниту да знаеме за нив, како што, за жал не знаеме за уште многу исслени Македонци во тие земји.

Трето, Македонците и во XVIII век јасно се разграничени во расположливите извори во однос на другите балкански народи. Така, новоформираниот Руски хусарски полк на Јован Албанез бил составен од 109 *Срби, 11 Бугари, 4 Унгарци, 35 Власи, 1* ***Македонец****, 1 Албанец, 1 Молдавец* и т.н. (1723); Наредба на руската царица Елисавета Петровна до полковникот Хорват и другите христијани ***македонски****, бугарски, влашки* и др. да се јават на киевскиот губернатор Леонтјев (1751); Одлука на рускиот Сенат за дозвола за преселување во Русија на *Бугарите, исто така* ***Македонците****, Србите и Власите* (1751); во Хусаркиот полк на Шевич, покрај *Срби* имало и лица од *грчка, унгарска, бугарска влашка и* ***македонска*** *нација* (околу 1750 год.); руска Царска грамота до мајорот Хорват за заложбата на православните *српски,* ***македонски****, бугарски и влашки народи* за доброволна служба... (1752); потоа списокот за 74 имиња на војниците од ***Македонскиот*** *полк* кои припаѓале на ***македонската*** *нација* (1756); писмото на црногорскиот митрополит Василие Петровиќ до Русија да бидат заштитени христијанските народи: *Црногорци, Албанци,* ***Македонци****, Срби, Бугари и Бошњаци* (1757 - 1758); Извештај на рускиот висок чиновник Мелунгов за доселеници од Балканот во Елисаветската Губернија: *52 Срби, 20 Бугари, 17* ***Македонци****, Унгарци, Власи* и др. (1764 - 1758) итн. Се поставува прашањето кои се овие „Македонци“ или припадници на „македонскиот народ“, дури и „македонската нација“ кои фигурираат во Руското Царство низ целиот XVIII век, покрај Србите, Бугарите, Власите, Црногорците, Албанците. Доколку тие Македонци не се третираат како посебен народ од денешна гледна точка, тогаш што претставувале

останатите припадници: Срби, Бугари, Албанци, Власи и др.? Впрочем, во историската литература на овие соседни народи никаде не се поставува прашањето дали овие припадници на народи покрај македонскиот, што претходно ги споменавме а ќе ги потврдиме низ документите подоцна, се токму тие.[433]

Четврто, Во Хабзбуршката Монархија постоело едно село на македонски доселеници со името „Македонија“ од каде што потекнувал благородникот Волк Македонски. Македонците во Русија во XVIII век формирале и свои нови селски населби кои ги нарекле: Македонов, Македоновка, Македони, Скопиевска, Куманово, Малаја Каратовка, Нови Полог итн. Дали е можно овие Македонци да немаат врска со Македонците и нивните предци и потомци во Македонија?

Во овие доброволни полкови не фигурираат Грците и доколку некој смета дека токму под Грци се подразбираат наведените Македонци, тогаш, зошто населбите не добиле грчки имиња, туку македонски, и тоа сите од северниот дел на Македонија каде што последиците од Карпошовото востание биле најтешки и од каде што е најмасовно отселено населението. Воедно, тоа се македонски предели и градови, освен поединечни исклучоци, во кои никогаш не живееле Грците ниту, пак, граничеле со некои населби населени со Грци.

Петто, од 74 Македонци кои се познати по име и презиме, и кои се заведени како припадници на „македонска нација“, 30 биле писмени, неколку од нив знаеле, покрај словенски јазик и некои други јазици. Повторно се поставува прашањето, доколку овие луѓе не знаеле дека се Македонци, тогаш кој и зошто во прецизните списоци ги водел како припадници на „македонската нација“, издвоен од сите други соседни народи на Балканот? Потоа, кој и зошто би ги натерал да формираат посебен Македонски полк, покрај полковите со останатите припадници на балканските народи? Зошто Македонскиот полк имал и различна униформа црвено-жолто-црна, како и различен штит од другите национални полкови од Балканот. Кој друг и со каков интерес би ги нарекол Македонците со нивното вековно име, ако не самите за себе и зошто би се двоеле од некои соседни народности доколку не се чувствувале како посебни?

[433] Најмногу литература за ова прашање е наведена во книгата на Александар Матковски - *Македонскиот полк*.

Ако одговориме логично на овие прашања, нема сомнение дека нивното евидентирање како Македонци во Русија произлегува од нивното различно од другите народности, декларирање пред претставниците на руските власти и пред нивните соборци од полковите на другите балкански народности. Ако тоа не го направеле, тогаш нивните имиња би фигурирале во статистиките на другите прикажани „нации“ од Балканот.

Ако науката се согласува дека во прикажаниот период, до крајот на XVIII век, не постоело народносно (етноисториско) самосознание кај целото населние на Балканот под османлиска власт, тогаш претходно прикажаните извори и примери укажуваат барем на јасното сознание на луѓето од која земја потекнуваат, односно поседувале територијлно самосознание кое е поврзно и со колективната меморија на еден народ. Така, луѓето од Македонија, евидентно, во најголемиот број од нив, се изјаснувале за Македонци. Ако единствената причина на Балканците за нивното изјаснување како Македонци, Бугари, Срби и други било територијалното потекло на земјата, тогаш и тој факт игра значајна улога како зачеток во натамошната појава на народносното самоосознавање на овие народи во XIX век. Доколку се согласиме дека кај овие народи покрај територијалната, постои и историска свесност за поранешните балкански кралства, тогаш може да констатираме дека протопреродбенската свест влече свои корени од XVIII век.


Шесто, зошто обичниот, претежно неписмен народ, во своите преданија ги чува спомените на античките владетели, Филип II, Александар Македонски, Персеј, како и средновековните владетели кои потекнувале од Македонија (Крале Марко), а не античките или средновековните владетели на соседните народи? Досегашните сознанија од науката документирано докажуваат дека Македонците низ целиот XIX век и низ целата нејзина територија ги негувала преданијата и песните за овие антички македонски јунаци, а тие секако се пренесени од предците од претходните векови. Овие сознанија, всушност, се црпат од записите кои ни ги оставиле истражувачите, патописците или македонските преродбеници од XIX век. Уште во периодот меѓу 1768 и 1775 година францускиот барон Франсоа де Тот, кој работел во тој период во Цариград, запишал: „Дваесет и двајца Македонци, секој со пушка на рамо..., во една кафеана пееја песни за победите на Александар...“[434] Зошто од поголемите средновековни историски личности во македонското народно

[434] Радуле, Ѓ. *Историја на Македонија*. Софија, 1997: 250; *Memories di baron de Tott sur les Tures et les Tartares*. Amsterdam, 1784.

творештво се присутни само двајца владетели - Самоил и Крале Марко. Карактеристистично и заедничко за овие двајца владетели, иако живееле и се бореле во различни периоди и различни воено-политички околности на Балканот, е тоа што и првиот и вториот се потпирале на војници или војски составени во најголем дел од македонските Словени и нивните престолнини се наоѓале исклучиво на македонска територија. Овие војски на двајцата владетели оставиле силна трага во колективната меморија на Македонците.

Седмо. Покрај јасната територијална именска самосвест, кај Македонците во XVIII век кои живееле во Европа јасно била изразена и јазичната словенска припадност. Токму затоа, видните Македонци од тој период се дел од иницијативите за отворање словенски или илирски училишта во Хабзбуршката Монархија. Но не само Македонците туку и западните автори во нивните дела Македонците ги стават во редот на словенските јазични групи, односно постоела јасна свест во Европа дека „Македонците зборуваат словенски јазик“. Така, на пример, во книгата на Агнели Рока, во издание на Ватиканската библиотека од 1719 година, Македонците се водат како посебен медитерански народ кој зборува илирски (словенски) јазик.[435]

Англичанецот Џејмс Хауел во неговата книга *Семејни писма* дава опис на јазиците кои се зборувале во тоа време во Европа. Во таа книга пишува дека покрај повеќето народи во Источна Европа и Македонците зборуваат словенски јазик.[436]


as *Ruſſia* and *Muſcovia*, ſpeak the *Sclavonic* Language: And it is incredible what I have heard ſome Travellers report of the vaſt extent of that Language; for beſide *Sclavonia* it ſelf, which properly is *Dalmatia* and *Liburnia*, it is the vulgar ſpeech of the *Macedonians* *Epirots*, *Boſnians*, *Servians*, *Bulgarians*, *Moldavians*, *Raſcians*, and *Podolians*; nay, it ſpreads it ſelf over all the Eaſtern parts of *Europe* (*Hungary* and *Wallachia* excepted) as far as *Conſtantinople*, and is frequently ſpoken in the Seraglio among the *Janizaries*: nor doth ſhe reſt there, but croſſing the *Hel-*

Исечок од текстот на книгата на Англичанецот Џејмс Хауел во кој се зборува за простиот словенски јазик кој го зборувале Македонците и други народи во источните делови на Европа.

[435] F. Agneli Roca, Biblioteca Vaticanae Appendix, 320.

[436] Howell, J. *Familiar Letters*. London, 1737, A a 2.

Ако науката се согласува дека во прикажаниот период до крајот на XVIII век не постоело народносно (етноисториско) самосознание кај целото населние на Балканот под османлиска власт или било присутно само во тесни интелектуални кругови, тогаш претходно прикажаните извори и примери укажуваат барем на јасното сознание на луѓето од која земја потекнуваат, односно поседувале територијлно самосознание, кое е поврзно и со колективната меморија на еден народ, како и јасна јазична припадност на словенскиот јазик. Така, луѓето од Македонија, евидентно, во најголем број од нив се изјаснувале за Македонци. Ако единствената причина на Балканците за нивното изјаснување како Македонци, Бугари, Срби и други било територијалното потекло на земјата, тогаш и тој факт игра значајна улога како зачеток во натамошната појава на народносното самоосознавање на овие народи во XIX век. Доколку, пак, се согласиме дека кај овие народи покрај територијалната, постои и некаква јазична и еден вид историска свесност за поранешните балкански кралевства, тогаш можеме да констатираме дека протопреродбенската свест влече свои корени од XVIII век.

Одговорите на горните прашања нè водат кон заклучокот дека на просторите од Хабзбуршката Монархија и Руското Царство, но и на просторите под контрола на Папската Држава и Венеција, пошироко во Западна Европа, името Македонци се препознавало како име на припадници на словенски народ кои живееле на територијата од Македонија која е опишана во огромен број географски карти од XV до XIX век (прикажани во книгава) во границите на север од Шар Планина, на југ до брегoвите на Егејското Море и на запад од реката Дрим на исток до реката Места. Македонците кои во европските држави се изјаснувале како „Македонци“ покажале, пред сè, териоторијална самосвест. Сепак, јасната свесност за нивниот мајчин словенски јазик и нивната колективна меморија која ги врзувала за славното минато на нивната татковина Македонија и одредени историски личности, живо присутни во македонската митологија и еповите, допуштаат да констатираме за постоење, ако не за изградена народносна свест, тогаш на протопреродбенска свест. Јасно изразената територијална именска самосвест во XVIII век има огромно значење како силна основа на етноисториското или народносно преродбенското движење од XIX век кое го прифаќа името „Македонци“ како наследство од предците. Така пренесената протопреродбенска свест за територијалното идентитетско име од поколенииjата од XVIII век претставувало единствената

силна потпора на македонските преродбеници од XIX век да оддолеат на туѓите влијанија и нивните одлично организирани настојувања за преименување и наметнување на некое туѓо име.

Двете големи империи Австрија и Русија со најголеми претензии кон Балканот, Хабзбуршката Монарија и Руското Царство во нивните експанзионистички политики спроведувале големи пропагандни стратегии на тој терен. Меѓу другото, работеле на привлекувањето на христијанските и словенските народи за нивно приклонување кон овие две монархии. За таа цел, тие развиле свои стратегии за придобивање на Словените на Балканот. Хабзбуршката Монархија ја поттикнувала т.н. „илирска идеја“, односно словенска идеја, а Русија се повикувала на „панславизмот“ како заедничка историска и племенска блискост на Русите со Словените на Балканот. Во заднината на двете идеи стоела перцепцијата за ослободувањето на Словените на Балканот со помош на тие две царства. Меѓу Словените на Балканот кои се надевале на поддршката од овие две европски сили биле и Македонците. Многубројното словенско население, пребегнато преку границите на Османлиската империја се нашло во составот на Хабзбуршката монархија а потоа од таму и во Русија. За да ги придобијат овие Словени, двете монархии преземале конкретни чекори.[437]

---

[437] Здравева, М. „Подем на словенството во XVIII век и дејци од Македонија во словенската книжевност“. *Гласник*, 37, 1-2. ИНИ. Скопје, 1993, 117. Во почетокот на XVIII век, во Сремски Карловци, во Австриската Монархија започнало да функционира првото словенско училиште кај јужните Словени. За потребите на училиштето, на барање од српскиот патријарх, Мојсије Петровиќ побарал од рускиот цар Петар Велики и добил поголема количина руски учебници, но и први руски учители. Наскоро руските книги биле забранети од Австријците и за да ги придобијат на своја страна римокатоличкото свештенство ветувало дека ќе се отвори печатница за словенски книги и училиште на словенски јазик, што наскоро се реализирало преку отворање две училишта. Некои словенски преселници продолжиле да учат во училиштата, а некои во манастирите, но преовладувале руските учебници. Кон средината на XVIII век дел од словенските мигранти се преселиле во Руското Царство, во Украина. Католичкото свештенство издејствувало во 1755 година да се отвори печатница во Венеција за „илирски книги“ во која имало можност да се печати на глаголски, кирилични и граѓански букви, па во неа биле испечатени словенски буквари и црковни книги. Неколку години подоцна била отворена уште една печатница во Виена со дозвола на царицата Марија Терезија, а словенските училишта во Монархијата се ставени под контрола на државата. Но веќе во 80-тите години се сугерирало воведување на словенски учебници со латинично писмо. Со воведувањето реформи од царот Јосиф II било овозможено воведување на народниот јазик во редовната настава. Таквата можност српскиот преродбеник Доситеј Обрадовиќ ја претворил во можност српскиот јазик да го издвои од словенскиот, кој дотогаш се нарекувал или „словенски“, „илирски“ или „илирско-

ХАБЗБУРШКАТА МОНАРХИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ ВО XVIII ВЕК

Кон крајот на XVIII век во историјата на Македонија се случил мошне важен настан кој придонел голем број Македонци во текот на XVIII век да емигрираат на север, надвор од границите на Османлиската Империја, и тоа во правец кон Хабзбуршката Монархија, а потоа и кон Руското Царство.

Имено, долгата Турско-австриска војна, која започнала уште во 1683 година, допрела до северните предели на Македонија кога во 1689 година австриската војска навлегла во неколку градови во Македонија. Тогаш, како поддршка на оваа војска во Македонија било подигнато масовно востание на чело со Карпош. Востаниците успеале да ослободат неколку населени места во североисточниот дел на Македонија. Тогаш Франција објавила војна на Хабзбурговците, и тоа било главна причина за повлекување на австриската војска од Македонија. Поради покажаната солидарност со оваа војска во борбата со Османлиите австрискиот цар Леополд I издал манифест со кој ги повикува балканските народи и „народот на Македонија“ на територијата од Монархијата заедно да војуваат против Турците. Покрај манифестот, зачувано е и едно заштитно писмо од царот Леополд за македонскиот народ кое е прикажано во претходниот наслов. Тоа заштитно писмо се гледа дека е издадено по молба на двајца „Македонци“ за заштита „македонскиот народ“. Причина за писмото е што по повлекувањето на австриската војска од Македонија и неуспехот на Карпошовото востание голем број Македонци се упатиле кон Унгарија и Австрија.

Покрај тоа, и самите Македонци оставале пишани траги за себе, најчесто надвор од татковината каде што постоела можност за нивно слободно дејствување.[438] Именувањето на луѓето од Македонија со терминот „Македонец“ или „Македонци“ на почетокот од XVIII век станува позабележително надвор од територијата на Македонија, каде што дошло до поголемо раздвижување на Македонците, особено по Карпошовото востание

словенски јазик“. Паралелно со Доситеј Обрадовиќ и Вук Караџиќ во српската литература, во бугарската литература се појавува преродбеникот Пајсиј Хилендарски, Софроний Врачанки и др. Во Австриската Монархија бил применуван „илирскиот јазик“ на латиница, но за натамошно приближување печатницата од Виена била преместена во Будим. Со голема државна поддршка Вук Караџиќ објавил неколку книги на српски јазик во Виена, со што е даден голем придонес за развојот на српскиот јазик.

438 Здравева, М. „Видни личности од Македонија во австриските земји во XVIII и првата половина на XIX век“. *Гласник*, 1. ИНИ. Скопје, 2000: 77- 88.

во 1689 година. Тоа овозможува на современата историска наука да открива колку всушност Македонците имале развиено чувство за својата припадност.

Од обемните истражувања на Александар Матковски на оваа тема, во еден пример за 110 студенти и ученици од Македонија во Словачка, односно во составот на Хабзбуршката Монархија, се гледа дека речиси 90 % од нив го истакнале своето потекло од Македонија, дека се родени или дојдени од Македонија и дека „кај нив се јавила и мислата за нивната народносна припадност“ и „додека биле во Турција нив никој не ги прашувал за нивната народност, туку било важно дали се муслимани или христијани како главна определба.“[439] Македонците во XVIII век во европските држави, пополнувајќи разни формулари за школување, вработување, добивање државјанство, вклучување во тамошните воени институции, оставале пишани докази за нивното слободно изјаснување, кои денес се чуваат во архивите и ни укажуваат за нивните чувства за територијална, но и некој вид етноисториска припадност според тогашните сфаќања во Западна и Централна Европа. Појавата на територијална самосвест била мошне изразена и Македонците во секоја можна прилика тоа го истакнувале.

Повеќе колонии на македонско население и поединци биле населени, пред сè, во Хабзбуршката Монархија и Царството Русија,[440] каде што биле организирани по разни основи, а се занимавале со разни дејности: земјоделие, занаетчиство, трговија, свештенство и војници, а формирале и нивни населени места и воени полкови со македонски имиња. Тамошните држави барале од нив, во согласност со нивните сфаќања и, пред сè, закони, да се изјаснуваат од каде потекнуваат. Од друга страна, Македонците, покрај нивното означување како „Македонци“ во руските и австриските документи, нивниот територијално потекло го употребувале и како дел од нивните имиња или прекари.

Во изворите од XVIII век среќаваме поголем број личности од Македонија кои на своето име и презиме го додаваат зборот Македонец: **Анастас Михаил Македонецот**, студент во Хале во 1704/5 год.; **Егор Иванов Македоњанин** во Москва од 1708 год.; **Исак Бојкович Македонец** од Православната општина во Будим од 1710 год; **Нестор Мачедонина** од 1715 год.; „**мокедоњан**“, член на Српскиот хусарски полк во 1724 год.; на царинарницата во Оршава (во 1729 год. и нејзината филијала во Радоевац

[439] Матковски, А. *Македонскиот полк*..., 130.

[440] Здравева, *Македонскиот XVIII*..., 305-315.

(1724) евидентирани се следните трговци со идентичен додаток на нивното име: **Никола Македонец** (ein Macedonier), **Константин Македонец** (ein Macedonier), **Пејо Македонец** (ein Macedonier), **Коста Македонец** (ein Macedonier), **Димитар Македонец** (ein Macedonier), **Димитер Македонец** (ein Macedonier), **Атанас Македонец** (ein Macedonier), **Михаил Македонец** (ein Macedonier), **Георги Македонец** (ein Macedonier), **Томо Македонец** (ein Macedonier), **Димо Македонец** (ein Macedonier), **Ристо Македонец** (ein Macedonier), повторно **Ристо Македонец** (ein Macedonier), **Јанко Македонец** (ein Macedonier) и **Спасо Македонец** (ein Macedonier),[441]

Македонци во Унгарија (Војводина) и Словачка од 1750 год. кои според тамошните критеиуми биле заведени со македонска народност или потекло: **Антоние Георијадес (Macedo)**, **Константин Теодорикус (Macedo), Анастас Константинус (Macedo), Георгија Андреевиќ (Macedo), Еманоел Андреевиќ (Macedo), Филип Ватопединус (Macedo), Никола Дејан (Macedo), Никола Јаханидес (Macedo), Јован Консатнтинус (Macedo), Данило Константинус (Macedo), Атанас Констанс (Macedo), Мартин Кремези (Macedo), Христофор Матон, (Macedo), Георгија Михаелидис (Macedo), Михаило Пахалис (Macedo), Еманоел Томиќ (Macedo), Тодор Филипидес (Macedo**), потоа **Томо Албански-Македонец**, од Србија **Георги Жигона-Македонец**, **Никола Кртица-Македонец** од Србија, **Константин Погача-Македонец** од Словачка, **Ристо Поповиќ-Македонец** од Србија, **Тома Поповиќ-Македонец** од Србија, **Игњат Старек-Македонец** од Пешта, Унгарија, **Лазар Четири-Македонец** од Мишколц, Унгарија, **Антоние Дера (Macedo)** и др.[442]

[441] Здравева, М. *Македонскиот XVIII*..., 267; (Гавриловиќ - Јакшиќ - Пециначки. 1987: 463-544; Здравева, М. 1996: 123)

[442] Матковски, А. *Македонски полк*..., 120, 123.



Портрет на Димитрија родум од Македонија и земскиот грб на Македонија. Се населил во Хабзбуршката Монархија за време на Првото грчко востание 1726 год. (Музеј „Бела Црква“, Република Србија)

Во 1772 год. во братиславскиот лицеј учел Јован Вишња **(Macedo),** во 1784 година учел Ѓорѓе Јорговиќ **(Sera Macedo)** од Сер.[443] Во 1794 година во лицејот во градот Кежмарк учел Наум Лазар **(ex Macedonia)**.[444]

Овие познати примери, каде што Македонците низ Европа го додавале на личното име и презиме и атрибутот „Македонец“, укажуваат на силното влијание и потребата на Македонците да го зачуваат од заборав нивното територијално потекло. Многу поретко се среќаваат како прекари со географска ознака поврзани со населеното место од каде што потекнуваат: „Тетовац“ (Тетово), „Монастерлија“ (Битола), „Ќупрули“ (Велес) и сл. Тие покажале мошне зрела територијална самосвест, со оглед на фактот што во Османлиското Царство таквата идентификција била сосема неважна и неупотреблива.

Велиме „територијална припадност или потекло“ затоа што науката сè уште не располага со некои други уверливи докази дека се работи за народносно самосознание. Сите овие, но и многу други Македонци низ Европа, имале можност без притсок и какво било влијание слободно да се

[443] Истото, 123.

[444] Истото, 125.

изјаснат за својата припадност или потекло како и сите други. Туѓите влијанија, доколку постоеле, биле изразени од средината од која потекнуваат, но не и од средината во која се доселиле, односно тие Македонци во XVIII век, како и сите други во Румелија, најчесто биле грчки воспитаници, односно учеле само во грчки црковни училишта под контрола на Цариградската Патријаршија. Примерот со австрискиот барон **Константин Бели Македонецот** (1770 - 1838) е еден од најрепрезантивните.[445] По потекло бил од с. Блаци, Каљарско. Тој бил со висока наобразба и брзо се вивнал во врвовите на австриското општество, со оглед на тоа што за благородничката титула „барон“ било потребно австриско потекло од три и повеќе поколенија. Ваквата висока позиција не му пречела насекаде да се претставува дека по потекло е „Македонец“, па дури ова име го додал и на своето име и презиме. Во науката за неговото етничко потекло има три различни ставови: дека е Влав, Грк и Македонец. Влав може да биде со оглед на фактот што во неговото родно село живееле многу Власи. Како Грк можеме да го сфатиме само како термин на религиска категорија, која во книгава подетално е образложена, но не и како народносна. Како Македонец го прифаќаме најмногу заради неговото експлицитно изјаснување како таков. Но и кај овој врвен интелектуалец и угледен граѓанин на Хабзбуршката Монархија, во неговиот апел до Македонците главната поента е љубовта кон татковината „Македонија“, со што се потврдува уште еднаш територијалната самосвест на Македонецот во овој период. Без оглед на етничката припадност, неговата посветеност кон македонството извршила силно влијание врз градењето народносна свест кај идните генерации македонски преродбеници и револуционери. Конкретно, таквото негово изјаснување како Македонец имало силно влијание врз генерацијата на лозарите и илинденците, односно меѓу основачите на Македонската револуционерна организација. Тоа се гледа од насловната страница на првиот број на списанието *Лоза*, каде што е објавен апелот на Константин Бели Македонецот до Македонците за зачувување на љубовта кон нивната татковина.[446]

Примерот, пак, објавен од академик Матковски за училштата во Словачка сликовито ни ја прикажува состојбата на не докрај разјаснетата етничка и социјална припадност на учениците од целокупната територија на

[445] mk.m.wikipedia.org., Константин Бели Македонецот; www. macedonium.org. Macedonium, Барон КОНСТАНТИН БЕЛИ „МАКЕДОНЕЦОТ“.

[446] Весник *Лоза*, бр. 1. София, 1892: 1.

Македонија. Така, од зачуваните документи за 110 ученици од Македонија од лицејот во Пожун (Братислава), во периодот од 1745 - 1876 год., може да видиме „како се декларирале тие:

Грк (Graecus)	23 лица
Грк од Македонија (Macedonia Graecus)	1 лице
Македонски Грк (Macedo Graecus)	6 лица

Меѓу овие 30 лица веројатно имало и некои вистински Грци, но најчесто биле грцизирани Власи.

Меѓутоа, иако меѓу бегалците по бројност преовладувале Срби, сепак имало релативно мал број доселеници од Македонија кои се сметале за Срби, и тоа:

Србин (Raiscianus)	4 лица
Србин (Serbus)	1 лице
Србин (Servensis)	1 лице

Оние кои се определувале за Македонци, и тоа со нејасна содржина, но со разни македонски предикати, исто така ги немало многу:

Македонец (Macedo)	20 лица
Македонец од Охрид (Ocrida Macedo)	1 лице
Охридски Македонец (Oridensis Macedo)	1 лице
Македонец - Србин (Macedo - Rascianus)	1 лице
Македонец од Србија	3 лица
Македонец од Словачко	1 лице
Македонец од Мишколц	1 лице
Вкупно	**28 лица**

Само 3 лица се декларирале како Унгарци (Хунгарус), еден Романец и еден Влав. Важно е да се нагласи дека нема ниту еден од нив како деклариран Бугарин, иако таму немале никаква пречка да се декларираат и како такви.“[447]

[447] Матковски, А. М*акедонскиот полк*..., 128, 131-132. Сите податоци за многубројните ученици Матковски ги презел од следните трудови: Ковијанчић, Р. „Срби који су учили у Словачкој (XVIII - XIX)“. *Зборник Матице српске и језик*, књ. XIX, св. III. Нови Сад, 1971; истото, књ. XII св. 1, Нови Сад, 1972; Ковијанчић, О. „Павлу Јулинцу I“. *Зборник Матице српске и књижевност и језик*, I. Нови Сад, 1954; Ковијанчић, Р. „Подаци о Јовану Авакумовићу“. Зборник *Матице Српске за књижевност и језик*, III. Нови Сад, 1956; Ковијанчиќ работел во архивите на Словачка и сите податоци му се од архивски извори.

Значи, луѓето од Македонија македонското име си го носеле со себе од својата татковина секаде каде што заминувале и по тоа се препознавале во новата средина. Сите овие примери и многу други укажуваат на зачуваното име за потеклото на Македонците, без оглед дали тоа било како територијален или етнички предзнак. Покрај силната територијална припадност и чувство, голема улога одиграла и средината во којашто живееле односно Хабзбуршката Монархија, која во тоа време ги толерирала припадниците на тамошните народи на сопствено изјаснување. Пространата Монархија владеела со народи кои во својата историја имале формирано средновековни држави и спомените на таа, т.н. категорија средновековни народи, оставила траги во толерантната и мултиетничка Монархија во којашто кралската титула, иако ја носеле Австријци, односно Германци, била територијална и наследна титула, но не и народносна титула. Во такви околности, кога илирското движење имало силен замав и идејата за илирска, односно словенска припадност на народите веќе ги препознавало Македонците исклучиво како Словени, новодојдените маси од Македонија по Австро-турската војна и по Карпошовото востание биле благонаклоно примени и од хабзуршкиот монарх како припадници на македонскиот народ. Впрочем, на тоа укажува и фактот што никој не им попречил на Македонците слободно кон своето име и презиме јавно, мошне често применувано, и по сè изгледа гордо, да го истакнуваат прекарот „Македонец“.

Македонското православно словенско население во Пешта сè до 1794 година своите верски обреди ги извршувало во православната црква раководена од грчката црковна општина. Од таа, 1794 година, неговите македонско-словенски членови се изборила општината да се нарече „Грчко-источна, грчка и македонска црковна општина“. Терминот „грчко-источна“ значел „православна“, а термините „грчка“ и „македонска“ во насловот на оваа општина ги прикажува народносно-територијлните белези на нејзините членови, односно на јасен начин ги двои Македонците од Грците. Најголема заслуга за внесувањето на македонското име во оваа црковна општина била на Алекса Хаџи Николович од Разлог, кој бил и нејзин прв претседател.[448]

[448] Истото.

РУСКОТО ЦАРСТВО И МАКЕДОНЦИТЕ ВО XVIII ВЕК

Илирското движење како општословенско станало интересно и за Руското Царство, коешто под водството на Петар Велики доживеало голем препород, односно за првпат модернизација и отвореност кон Европа, но и големо проширување на сметка, пред сѐ, на Османлиската Империја. Паралелно со Австро-турската војна, во 1688 година, пред навлегувањето на хабзбуршаката војска во Македонија, цариградскиот патријарх Дионисиј, влашкиот кнез Штербан, српскиот патријарх Арсениј III Чарнојевиќ, како и охридскиот архиепископ Игнатиј, испратиле молба до московските цареви Иван, Петар и нивната сестра Софија да им помогнат и да ги ослободат православните народи од османлиското ропство.[449] Од своја страна, за првпат во историјата руските цареви благонаклоно одговориле на овој повик за ослободување на христијанските народи под Османлиското Царство, што во секој случај, се должи на променетата активна политика на оваа држава кон Европа, и посебно кон Балканот.


За време на владеењето на Петар Први Велики (1689 - 1725) ќе дојде до израз токму таа проактивна надворешна политика, но и воена експанзија на Руското Царство. Токму со овој големоруски цар започнува и големиот руски проект, а со тоа и интересот на Русија за Македонија. Уште во XVII век, меѓу останатото, Русија имала тајни агенти во Османлиското Царство, главно, меѓу црковните лица и цивилите, но од почетокот на XVIII век Русија имала свој претставник во Цариград. Така, рускиот пратеник Петар Андреевич Толстој го ангажирал во политички цели Братан Иванов од Македонија.[450] Потоа, Петар Велики го испратил српскиот полковник Михаил Милорадович да ги крене Црногорците против Турција, упативајќи едновремено апел и до другите словенски и православни народи на Балканот. Во неговиот апел до македонскиот народ Петар Велики потсетува дека читал како „Александар Македонски со малку војска победил многу цареви и оставил бесмртна слава“. Потоа тој го повикува македонскиот народ, секој по својата можност, да војува за верата против мухамеданците.[451]

---

[449] Димевски, С. *Македонските општествено-културни* ... : 214; Каптерев, Н. А. *Характер отношений Росии к православному востоку в XVI и XVII столетия*. Сергиев посад, 1914: 368.

[450] Димевски, С. *Македонските општествено-културни*..., 215.

[451] Истото, 216; Златарски, В. Н. „Български въстаниая и опити за въстания до средата на XIX век“. Сб. *България 1000 години*, 720.



Фрескоживопис во црквата Св. Јован Богослов во стариот руски кнежевски дворец Ростовски Кремљ од 1683 год., со приказ на четирите древни царства: Вавилонското, Персиското, Македонското и Руското. Фрескоживописот бил изработен во периодот кога царот Петар Велики бил во тој дворец и покажувал голем интерес за Македонија и словенскиот македонски народ. Македонското Царство е симболично прикажано со лав со крилја. Над него е запишано „МАКЕДОНСКӦЕ“.



Овој мотив (детаљ од горниот приказ) во црквата во која руското царско семејство на Петар Велики, почнувајќи од 1683 год. ги вршело секојдневните православни обреди, укажува на познавањето на славната македонска историја од страна на руската царска династија.

Петар Велики во 1715 година упатил повик до митрополити, губернатори, кнезови и војводи и до сите христијани од православно грчко и римско исповедание во духовен и мирски чин во Србија, Македонија и до Црногорците, Приморците, Херцеговците и др. Истовремено, искажал и надеж дека во случај на војна со Османлиската Империја тие ќе се кренат за помош

на Русија „по едновериjу и еднојазичиу нашему.“[452] И еве ја тука директната врска на Петар Велики и неговиот интерес за илирското движење, односно светот на Словените во чии рамки се вбројуваат и Македонците. Имено, Петар Велики се зафатил со проучувањето на историјата на славјанството и по негова наредба рускиот резидент во Холандија организирал комисија да го проучи почетокот на словенските народи и нивниот јазик.[453] Информациите за тоа ги добил преку филозофот Лајбниц којшто му поднел извештај. И она што е најважно за Македонците е тоа што Петар Велики побарал да се преведе делото на Мавро Орбини - *Царството на Словените* (Mawro Orbini, Il regno degli Slavi) во Петроград 1722 год.[454]

Овие активности на Петар Велики се почетоците на рускиот интерес кон Македонија и Македонците. По Петар Велики интерес кон овие прашања пројавила царицата Елисавета Петровна (1741 - 1762). Македонските иселеници уште од времето по неуспешното Карпошово востание, кои масовно се преселиле во Хабзбуршката Монархија, биле под постојан притисок за покатоличување, но и германизирање и унгаризирање. Тоа, пак, на дел од мигрантите влијаело врз нивната одлука да продолжат кон Русија. Освен православната вера и словенскиот јазик, на одлуката влијаела и поттикнувачката улога на Русија, особено за време на владеењето на оваа царица. Како главен задолжен за оваа миграција во Русија бил грофот Михаил Петрович Бестјушев-Рјумин.[456] На 19 февруари 1752 год. тој напишал дека: „првославные народи Сербскіе, **Македонскіе**, Болгарскіе и Волошкіе оружіем ікровію служитъ желаемъ.“[457]

За време на владеењето на царицата Елисавета Петровна биле создадени доброволни хусарки полкови составени од војници од балканските народи, меѓу кои, и на Македонскиот хусарски полк. Тие македонски доброволци во руските документи се претставени со народносни ознаки. Во

[452] Соловьев. *История Росии*. Москва, 1865: 79 - 80 (XVI).

[453] Димевски, С. *Македонските општествено-културни*..., 216.

[454] Соловьев. *История Росии*. Москва, 1865: 82-83 (XVI); Димевски, С. *Македонските општествено-културни*..., 217.

[456] Занетовъ, Г. „Българскитѣ колонии въ Руссия“. *Периодическо списание на Българското книжовно дружество въ Срѣдецъ*, г. VIII, кн. XXXVII-XXXVIII: 381.

[457] *Полное собраніе законовъ, Россіской имперіи съ 1649 года*, том XIII, (1749 - 1753); печатено въ Типографіи II Отдѣленія Собственой Его Императорскаго канцеляріи. 1830: 556-588.

1759 год. за тие полкови стои дека се: „из Сербской, Болгарской, **Македонской** націй...“[458]

За терминитe „македонской нацией“ и „македонской, македонская“ во руските документи од тој период Матковски[459] објаснил дека треба да се подразбираат припадниците, односно доселениците кои дошле од Македонија, независно од нивното етничко потекло, бидејќи во тоа време не можеме да зборуваме за македонска нација во современа смисла на зборот,[460] но нивното јасно разграничување, за кои се вели: „наполнялис людми из Сербской, Болгарской, Македонской, Молдавской, Грузијской нациу, Волоской (влашка), Греческой... націй“, укажува на нивната меѓусебна разграниченост, па и различна етногеографска припадност. Освен тоа, јасното разграничување на Македонците, Власите, Грците, Србите и Бугарите во период кога ниту еден од овие народи немале своја национална држава, укажува дека оваа поделба е направена врз изјаснувањето на самите доселеници од каде потекнуваат. Впрочем и посебните полкови именувани според различните „нации“,[461] со посебни униформи за нив (бојата на униформите на македонскиот полк биле црвено-црно-жолти), како и формирањето посебни населби (на пр. меѓу балканските топоними во Украина се среќаваат и неколку македонски: Македонов, Македоновка, Македони, Скопиевка, Куманово, Малаја Каратовка, Новиј Полог и др.)[462] во кои посебно живееле припадниците на овие „нации“, одат во прилог на тоа дека доселениците чувствувале меѓусебни разлики и специфични особености, како во народниот јазик така и во обичаите за кои е докажано дека постоеле. Според рускиот автор Кабузан, во 1754 година во областа Нова Србија биле попишани 2225 машки лица од кои 124 Македонци.[463] Во една препорака на рускиот офицер Бестужев од 1750 година стоело дека во руската воена служба треба да бидат примени православните балкански народи: Грци, Власи, Албанци, Срби, Македонци и Бугари и нагласил дека последните три народи

---

[458] Скальковсковскій, *Хронологичесое обозрѣніе Историіи Новороссійскаго края 1731 - 1823*, 1. Одесса, 1836: 24-25, 34-35.

[459] Матковски, А. *Македонски полк*..., 181.

[460] Здравева, М. *Македонскиот XVIII*..., 298-299.


[461] Македонскиот хусарски полк (Македонский гусарский полевий полк) бил формиран на 10.5.1759, а опстојувал до 28.6.1773 год.; Здравева, М. *Македонскиот XVIII*..., 300.

[462] Матковски, А. *Македонски полк*..., 283-285.

[463] Здравева, М. *Македонскиот XVIII*..., 296; (Кабузан, *Крестъанская колонизация Северного Причерноморъя (Новоросии)* в. 18.

се едноверни со Русите.[464] Со наредба од 10.5.1759 година му е наредено на Иван Хорват (хусарски воен старешина) да формира, покрај постојните полкови, и уште два полка со имиња „Македонский“ и „Болгарский“ во кои претставници на македонскиот и бугарскиот народ имало и: Срби, Власи, Грци и Молдавци. Во Македонскиот полк влегле и дел од доселените Црногорци со митрополитот Василије, бидејќи немале доволно војници да формираат посебен полк.[465] Истиот митрополит во своето писмо до рускиот висок чиновник барал руска заштита на балканските народи, меѓу кои, и на македонскиот народ. Рускиот научник Александар Соловјев и други сметаат „дека овие полкови претставуваат одделени племенски единици.“[466]

Иако кон крајот на нејзиното владеење Русија била зафатена со војни и извесно воено-политичко стагнирање, сепак словенските народи барале помош од Русија. Така, црногорскиот владика Василије Петровиќ упатил апел за помош од Русија во којшто меѓу загрозените народи на Балканот ги споменува и Македонците.[467]



Въ 1752 году переселился въ при-Днѣпровскій край сербъ, полковникъ Австрійской службы Иванъ Самойловичъ Хорватъ и привелъ съ собою 3,000 человѣкъ сербовъ, македонцевъ, болгаръ и волоховъ. Онъ въ томъ-же году построилъ крѣпость св. Елизаветы (Елизаветградъ) — первое русское военное поселеніе въ этомъ краѣ, вокругъ котораго вскорѣ появилось (1756 г.) 27 слободъ съ населеніемъ въ 3,538 семей. Это и была „Новая Сербія“.


Извадок од книгата на Кабузан *Крестъанская колонизация Северного Причерноморъя (Новоросии)*, ст. 7, во кој е наведено дека во 1752 година, под водството на полковникот И. С. Хорват, се ставиле во служба на руската армија 3000 луѓе: „...Срби, **Македонци**, Бугари и Власи...“

[464] Матковски, А. *Македонски полк*..., 257.

[465] Здравева, М. *Македонскиот XVIII*..., 298.

[466] Соловјев, А. *Југословенски пукови у руској војсци XVIII века*, 73; Матковски, А. *Грбови*те ... : 194.

[467] Димевски, С. *Македонските општествено-културни*..., 218; Соловьев. *История Росии*. Москва, 1865: 91-93.




Кашимъ Високографскомъ Сіятелствъ вполнъ извъстно въ каковихъ нуждахъ находился смирени пастирь своего отечества народа черногорскаго въ прошлихъ трихъ годахъ отъ безбожныхъ махометанъ и закистивныхъ Венецианъ, союзившихъ съ отечество наше разорить, отъ которихъ самъ богъ насъ сахранилъ. По чимъ вполнъ явно, что они наши непріятели никогда насъ въ покой не оставятъ, когда уже на то согласилися, мы не имъемъ куда дѣтся, токмо прибѣгнутъ къ высочайшимъ покровительствъ Ея Императорскомъ Величествъ нашій всемилостивъйшій государинѣ, осклонився, милостиви государъ, на многомощное наше предстательство. Какъ уже извѣстно цѣломъ свѣтъ Вашего Сіятелства стараніе о пользѣ и о странихъ попеченіе, особливо же о насъ, котори держимся покровительства высочайшаго всероссійского дкора, что би и прочам наша братиа христиане, они, котори стенютъ въ турскомъ подданстве: Албанези, Македонане, Боснаки, Серби и Болгари, смотря на протекцию нашъ, не такмо в православи остановятся, но когда случай будетъ, к намъ прилипятся въ службъ всеславной россійской имперіи. Ище ли ми пропаднемъ, то уже и они очаются надежди избавленія своего и воспримутъ махометанскую вѣру.

Текстот од писмото на црногорскиот владика Василиј Петровиќ од 1757 година до грофовите Шувалов и Бестјужев, руски претставници во Ријека, во кое се застапува, покрај за Црногорците, и за заштита на „христијанските браќа кои стенкаат како турски поданици - Албанци, Македонци, Босанци, Срби и Бугари...“

За време на владеењето на царицата Катерина Велика II (1762 - 1796), политиката на Петар Велики добила еден замав, а во царицата голем реализатор на тие идеи, пред сè, кога станува збор за проширувањето на руските територии кон запад и југ и зголеменото влијание на Балканот. Меѓу другото, таа ја прифатила идејата за основање една голема држава на Балканот. Така, на самиот почеток од Руско-турската војна (1768 - 1774) испратила повик до Грците и словенсите народи, меѓу кои и Македонците, за подигање општо востание. Именно, рускиот адмирал Г. А. Спиридов во повикот до балканските народи од 12 (23) март 1771 год. се обратил до Словените, Грците, Македонците, Албанците и до Румелиотите.[468] До востание не дошло, меѓутоа, се одзвале голем број доброволци од Балканот кои се вклучиле како

[468] Делакулонш, А. *Лулката на македонската државност* (предговор на Наде Проева), 15; *Век Екатерины II, Россия и Балканы*, редактор Н. И. Хитрова, Москава, 1998: 70.

одделни полкови во составот на руската војска, меѓу кои, и „Македонскиот полк“.[469]





Грбовите на доброволните хусарски полкови во руската армија од 1776 до 1785 год.. Првиот од нив, под буквата „а“, е грбот на македонскиот полк.

[469] Димевски, С. *Македонските општествено-културни*..., 218; Соловьев. *История Росии*, XXVIII. Москва, 1874: 39.



Униформата на „Македонскиот полк“ (1776 - 1782)

Како резултат на Руско-турската војна и поразот на Турција бил потпишан Ќучук-кајнарџискиот договор, кој, покрај територијалните придобивки за Русија и привилегиите за трговија, поморскиот сообраќај итн., ѝ било дадено право да биде и заштитничка на православното население во османлиската држава. Тоа значело право на постојано мешање во внатрешните работи, а со новите конзулски претставништва Русија спровела подобра контрола на внатрешните состојби во османлиската држава.

Руската царица Екатерина Велика 1782 година испратила писмо до австрискиот цар Јосеф II во кое му предлага воспоставување на едно православно царство што би го сочинувале Бугарија, Македонија и дел од Албанија.[470]

Во исто време, за Балканот сè позаинтересирани биле западните држави, особено Хабзбуршаката Монархија, за формирање мали балкански држави.[471] Владо Поповски за влијанието и улогата на овие две големи европски сили во прекројувањето на политичката слика на Балканот вели: „Респективната делба на Балканот, која станала во односите на Русија со Австрија, а преку неа и со западноевропските земји, придонела за проникнување на судбината на балканските земји и народи со конфликтност, а често и со деструктивност во перспективата на идните екстреми (воени)

[470] Проева, Н. *Триптих*... : 35-36; Хитрова, И. *Век Екатерины II*. 73-74.

[471] Поповски, В. *Руската и советската надворешна политика и македонското прашање (од крајот на XVIII век до четвртата деценија на XX век)*. Макавеј, Скопје, 2013: 9-12.


конфронтации на големите европски сили. Последиците од таквите делби се чувствуваат и денес.“[472]

Доволно е како пример да го споменеме случајот на Македонија и Бугарија во руската надворешна политика. Како што видовме, почнувајќи од почетокот владеењето на Петар Велики и целиот XVIII век, Македонија и Македонците се споменуваат во литературата, документите и проектите на внатрешната и надворешната политика на Русија. Таквата тенденција трае до 1828 година, заклучно со плановите за формирање нови кнежевства на Балканот, меѓу кои, и Македонија. Последниот таков проект на Русија, во кој се споменува формирање посебно македонско кнежевство, е оној на министерот за надворешни работи на Русија, а потоа и претседател на Владата на новоформираната држава Грција, Каподистрија. Имено, тој на „Тајниот комитет“ свикан од рускиот цар Николај I му изнел план за политчко преуредување на Балканот кој бил под османлиска власт и да се замени со формирање на следните земји: Молдовија и Влашко, Србија, во чиј состав би биле и Бугарија и Босна, **Македонија** во чиј состав би влегле Тракија и многу острови од Егејското Море, потоа Епир во чиј состав би била и Албанија и на крајот Грција.[473] Истата година за потребите на руската армија бил изготвен еден „Преглед за Европска Турција“ како подготовка и насока за натамошната експанзија на Русија на овој балкански простор, подготвен од капетанот М. Лажиденски.[474] Во прегледот јасно е опишана територијата на ’**Македонија**‘ и неговиот народ ’**Македонијани**‘. Годината 1828 е последната во која Македонија и Македонците се третирани како посебни земја и ентитет. Веќе од следната 1829 година, по појавата на книгата на Венелин, Македонија и Македонците за руската политика стануваат дел од Бугарија и Бугарите.

[472] Истото, 12.

[473] Скалъковскій, К. А. *Внѣшнаяя политика Росиій и полоѓеніе иннострaниых державъ*, второе издание преработаное и значителъно дополненое. С. Петербургъ, 1901: 309.

[474] Станоевски, Ц. *Како ја видоа Македонија*..., 45-46; Ладиженски, М. *Поглед на Европска Турција*. С. Петербург, 1829.



Въ сѫщо врѣме и Хорватъ подалъ едно прошение („все поданнѣйше прошение“) отъ своя и отъ страна на прѣселенцитѣ, въ което исказва „на какви условия православнитѣ народи сърбски, македонски, български и влашки съ кръвь и оржжие желаятъ да служатъ на Нейно Императорско Величество, материнската имъ покровителница“. Въ това прошение Хорватъ иска: 1) да се образуватъ четири регулярни полка, отъ които два пандурски и два гусарски, сѣки по 4000 души, а сѫщо и други полкове съ по 1000 души, ако бѫде възможно; 2) четиртѣхъ полка да се заселятъ отъ крѣпоста Каменка, покрай полската граница до

Текст во научното списание на Бугарското книжевно друштво (подоцна БАН) од 1891 година во кој се опишува барањето на балканските емигранти за служење војска во руската војска. Меѓу тие „православни народи“ се споменува и „македонскиот народ“.

ПЕРИОДИЧЕСКО СПИСАНИЕ

НА

БЪЛГАРСКОТО КНИЖОВНО ДРУЖЕСТВО

Расположливата документација од крајот на XVII и XVIII век ги потврдува идентитетските имиња, иако не како во денешна смисла на зборот на Србите и Бугарите, како и кај Македонците. Иако е доминантен впечатокот дека термините „Македонец“, „Бугрин“, „Србин“ итн., во тие документи имале значење на потекло според земјата од која доаѓале, како и поради различните јазици, нарави и обичаи кои тие меѓу себе лесно ги препознавале, истите термини имале одредени идентитетски ознаки. Тие идентитетски ознаки имале свое значење во натамошниот тек на повторното национално будење кај балканските народи врз кои ќе се потпираат и интелектуалците - преродбеници од XIX век. Според некои историчари,[475] со термините употребувани во Руското Царство и Хабзбуршката Монарија, како што се „Македонци“, „Бугари“, „Срби“, „Власи“, „Албанци“ итн., се означувале „луѓе


[475] Здравева, М. *Македонскиот XVIII*..., 448, 451; Матковски, А. *Македоскиот полк*..., 181.

со различно потекло од истоимените земји“, сметаме дека токму овие именувања на луѓето и групите во овие две големи империи одиграле голема улога во зачувувањето на имињата на балканските народи, сè до појавата на преродбениците во овие земји, кои истите термини ги дефинираат како народносни. Што се однесува до Македонците, сите тие во претходно наведените извори имале еднаков статус со сите други претставници на народи од Балканот, барем во случајот со нивната колективна меморија и народносно-територијална идентификација. Интересно за сите овие документи од Хабзбуршката Монархија и Руското Царство е дека речиси никаде не се споменува терминот „Словени“ или „македонски Словени“, туку исклучиво „Македонци“ и во најголемиот дел од нив јасно се разграничуваат од Власите, Грците, Бугарите и Србите. Идентитетската ознака „Македонец“ или „Македонци“, која се среќава во документите од XVIII век низ Европа, само ја докажува моќта на колективната меморија присутна кај населението, не само во Македонија туку и пошироко.

ИЗВОРИ ОД XVIII ВЕК


1704 год. Пол Лука.[476] „Оттука излеговме на 20 ноември, еден час по полноќ за да одиме во Кавала, која е на шест милји и некогаш била голем град на **Македонија**, на брегот од морето. Треба да одбележиме дека во **Македонија** скоро сите села се полни со христијани и има многу малку Турци.“[477]

1706 год. Римска историја...


with an Army of 300000 Men of ſeveral Nations, *Bulgarians*, *Servians*, *Macedonians*, *Germans*, *Bohemians*, *Hungarians* and *Greeks*; for *Mahomet*, like his Anceſtors, made it a part of his Politicks to hire Chriſtians

[476] Француски патописец.

[477] *Документи за борбата*..., том 1: 159; Матковски, А. - Ангелкова, П. „Патувањата на францускиот патописец Пол Лука низ Македонија од 1704 - 1714 година“. *Историја*, 2. Скопје, 1969: 101.



THE
ROMAN Hiſtory
From the Reſtitution of the
Weſtern Empire
BY
CHARLEMAGNE,
To the Taking of
CONSTANTINOPLE
BY THE
TURKS.
Containing the Space of 653 Years.
Vol. IV. and laſt.
By the Author of the Third.
Being a further Continuation of Mr. Echard's Hiſtory.
LONDON:
Printed for W. Freeman, near Temple-Bar; J. Walthoe in the Temple; T. Newborough, in St. Paul's Church-Yard; J. Nicholſon, in Little-Britain; and R. Parker, under the Royal Exchange in Cornhil. 1706.

Head of the Schiſmatical Party, as the *Latins* call'd the *Greek* Chriſtians; and he publickly declar'd, *He had rather ſee a Turban than a Cardinal's Cap in* Conſtantinople. Whether his Zeal went too far or not we ſhall not undertake to determine, it being a difficult Matter to decide which is worſe, Infidelity or Idolatry. 'Tis the uſual Cuſtom of the Popiſh Emiſſaries, to ſet Nations at variance, to ſow Diviſions, and prepare Kingdoms for the Hands of the Deſtroyer; and never did their infamous Devices do more Miſchief than now in the City of *Conſtantinople*; where by the Cardinal's Intrigues the Citizens were ſo divided, that they could not join heartily in the common Cauſe; which gave the Barbarians an Advantage that the *Greeks* could never recover. *Owing to the Popiſh Emiſſaries.*

The next Year is the laſt of the *Greek* Empire, a Year that will ever be remember'd with Lamentations, by all thoſe that wiſh well to the Chriſtian Religion, for now the Infidels are to overwhelm it in the Eaſt, with a Torrent of Impiety and Infidelity. *Mahomet* order'd his great Artillery to be convey'd towards *Conſtantinople*, in the beginning of *February*, and 'twas the middle of *April* before that prodigious Train could be brought to the Camp near the City, where he arriv'd himſelf about the ſame time, and encompaſt it by Land with an Army of 300000 Men of ſeveral Nations, *Bulgarians, Servians, Macedonians, Germans, Bohemians, Hungarians* and *Greeks*; for *Mahomet*, like his Anceſtors, made it a part of his Politicks to hire Chriſtians to Fight againſt Chriſtians. Beſides theſe he had his own Subjects of *Aſia*, *Turks* and *Janiſaries*, and a Fleet of 300 Sail, to ſhut up the Citizens by Sea. 1453

The Emperor *Conſtantine* deſir'd Aſſiſtance of the *Genoueſe*, and obtain'd it privately; tho' theſe *Italians* were ſo greedy of Gain, that they would go freely to the *Turk*'s Camp, ſell them Proviſions and Oyl, which they us'd about their Cannon to ſcour them after Firing; and the next Day they would enter the City and ſally out to Combat with them. *Conſtantine* ſtopt all the Ships that were of Service in the Port, of what Nation ſoever, about Fifteen in number, and hir'd four great Ships of the *Genoueſe*, which were dayly expected from *Chios* loaden with Neceſſaries; but the *Turkiſh* Fleet lay now before the Chain that ſecur'd the Entrance into the Port; and the *Conſtantinopolitans* were in great

1706 год. Римска историја. ,,...во армијата од 300 000 војници од неколку нации, Бугари, Срби, Македонци, Германци, Бохемијци (Чеси), Унгарци и Грци..."[478]

1711 год. Петар Велики, руски цар. Познатиот манифест на рускиот император бил упатен кон „сите христијани од грчки и римски закон[479] во Србија, Славонија, **Македонија**, Босна и Херцеговина и други" да се вклучат на страна од руската војска против османлиската.[480]


---

478 https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/09/1706_Echard-History-The-Roman-history-from-the-Restitution-of-the-Western-Empire..-London.jpg

479 Грчки и римски закон - се мисли на православна и католичка вера.

480 480 Здравева, М. *Македонскиот XVIII* ... : 169; (проф. Кептеревъ, Н. Т. *Характер отношеній Россій*..., 512).

1719 год. Ф. Агнели Рока.




320 *Bibliothecæ Vaticanæ Appendix.*

Nomina Populorum, qui Illyricâ loquuntur linguâ, ordine Alphabetico diſpoſita.

Abgazari, vel Abgazelli, qui & Gazari circa Mare Caſpium.
Aſtivi.
Arbenſes.
Beſſi, hodie Boſnenſes, vel Boſnaſienſes.
Bohemi.
Boruſſi.
Boſnenſes. Vide Beſſi.
Bulgari, ſive Raſcii.
Carni.
Carniolani,
Carinthii,
Caſſubi, vel Caſſubitæ.
Circaſſi Quinquemontani circà Pontum, vel Ciercaſſi circà Mare Caſpium,
Corali.
Croati, vel Chroati,
Culmii.
Curi.
Dalmatæ, vel Delmatæ.
Dibrii.
Epidaurii, ſive Raguſæi ex Epidauro Civitate juxta Dalmatiam ad Illyricum Mare ſita,
Epirotæ,
Forojulienſes, vulgò *Furlani*, à Forojulio Italiæ Regione, in quâ ſunt Aquileja, Utinum, Cividale, ac Tergeſtum,
Gazari. Vide, Abgazari.
Gepidæ.
Hungari ad Vagum Fluvium,
Japides, vel Forojulienſes,
Jaziges,
Iſtri.
Lithuani.
Livi.
Luſarii.
Lygi.
Macedones Mediterranei.
Maxobii, vel Mazolitæ,
Meiſi, vel Myſii.
Moldavi.
Moravi.
Myſii, vel Meiſi.
Nugardi.
Obodritæ, vel Obrotriti.
Ohuliçi,
Pannoniæ pars.
Permi.
Pleſcovii, vel Pleſcovienſes.
Podolii.
Polabi.
Poloni majores, & minores.
Pomerani.
Raguſæi. Vide Epidaurii.
Raſcii, vel Raſci, ſive Bulgari.
Rugi.
Ruſſani, vel Ruſſi à Ruſſiâ: vel Rutheni.
Samogitæ.
Sarbi. Vide Sorabi.
Sarmatæ, qui & Poloni dicuntur.
Sclavi, vel rectiùs Slavi.
Servii. Vide Sorabi.
Sleſii, vel Sileſii, aliàs Sleſitæ.
Smolnenſes.
Sorabi, aliàs Sarbi, hodie Servii,
Tranſilvani.
Vandali, aliàs Vuandali,
Veltæ.
Vilaçi,
Vuagrii.
Vvinuli.
Zogorani,
Zadravani.

Hi ſunt igitur Populi, qui Illyricâ linguâ vulgari utuntur: extat enim altera huic valdè adſimilis, & ferè eadem, quæ *ſcripturalis*, vel *literaria* nuncupari poteſt, *Buchuizza* à Sclavis dicta, quæ nonniſi per regulas diſci poteſt, & à rudioribus abſque regulis non rectè intelligitur, nec rectè pronunciatur. In hanc linguam à Sancto Hieronymo Scripturam ſacram Sclavonicis literis, & à Sancto Cyrillo Servianis characteribus translatam fuiſſe credendum eſt. Id, quod etiam, de Miſſali, de Codice horario, deque aliis Sclavorum libris dicendum puto. Sunt autem qui hanc linguam non Illyricam, ſed Sarmaticam potiùs, ideſt Polonicam, vocandam affirment, quòd ceteræ ab hac ſint ortæ: Polonica enim non multum à Sclavonicâ, & Bohemicâ recedit, ut facilè intelligere potui ex Oratione Dominicâ tribus hiſce linguis conſcriptâ, quam apud Bartholomæum Georgenitam, & Sigiſmundum Gelenium Bohemum, qui Syphonum edidit lexicon, in quo vocabula linguarum, Latinæ, Græcæ, Germanicæ, & Illyricæ, quæ inter ſe conveniunt, vel in duabus ex his, vel tribus, vel quatuor linguis, conferre ſtudet. Quòd autem Polonica, & Sclavonica, ſive Illyrica linguæ magnam inter ſe affinitatem habeant, ex eorundem ſupputandi modo, quem infrà apponere libuit, facilè comprobari poteſt.




Lithuani.
Livi.
Luſarii.
Lygi.
Macedones Mediterranei.
Maxobii, vel Mazolitæ,
Meiſi, vel Myſii.
Moldavi.
Moravi.
Myſii, vel Meiſi.
Nugardi.
Obodritæ, vel Obrotriti.
Ohuliçi,
Pannoniæ pars.
Permi.
Pleſcovii, vel Pleſcovienſes.
Podolii.

Во оваа книга Македонците, покрај Хрватите, Србите, Бугарите и другите народи, се претставени како народ кој зборува илирски, односно словенски јазик.[481]

[481]https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/03/1719_Bibliotheca-Vaticanae-Appendix.jpg.

1721 год. Дима Маќедонац. Во таа година во Велика Паланка (денешна Србија), се споменуваат „закупци на вино, некој Јанко Хора, **Дима Маќедонац**, Григорије Савиќ.“[482]

1723 год. Полк на мајорот Јован Албанез. Заради заслугите кои Јован Албанез[483] ги имал во борбите во Руско-турската војна на страната од Руското Царство, тој се стекнал со право да формира хусарски полк кој бил составен: „Из сербов - 109; из булгар - 11; из венгров 4; из волохов - 35; **из македонян** - 1; из мултян - 13; из арнаут - 1; из молдован - 1; из цесаров - 1; из алмажан - 1.[484]



Epiſtolæ Ho-Elianæ:

FAMILIAR

LETTERS

DOMESTICK and FOREIGN,

Divided into Four BOOKS:

Partly { HISTORICAL, POLITICAL, PHILOSOPHICAL:

Upon Emergent Occaſions.

By *JAMES HOWELL*, Eſq; One of the Clerks of his late Majeſty's moſt Honourable Privy Council.

The TENTH EDITION, very much Corrected.

Ut clavis portam, *ſic pandit* Epiſtola pectus.

LONDON:

Printed for D. MIDWINTER, A. BETTESWORTH and C. HITCH, J. and J. PEMBERTON, R. WARE, C. RIVINGTON, F. CLAY, J. BATLEY and J. WOOD, A. WARD, J. and P. KNAPTON, T. LONGMAN, and R. HETT. MDCC XXXVII.

Thoſe Countries that border upon *Germany*, as *Bohemia*, *Sileſia*, *Poland*, and thoſe vaſt Countries North-Eaſtward, as *Ruſſia* and *Muſcovia*, ſpeak the *Sclavonic* Language: And it is incredible what I have heard ſome Travellers report of the vaſt extent of that Language; for beſide *Sclavonia* it ſelf, which properly is *Dalmatia* and *Liburnia*, it is the vulgar ſpeech of the *Macedonians Epirots*, *Boſnians*, *Servians*, *Bulgarians*, *Moldavians*, *Raſcians*, and *Podolians*; nay, it ſpreads it ſelf over all the Eaſtern parts of *Europe* (*Hungary* and *Wallachia* excepted) as far as *Conſtantinople*, and is frequently ſpoken in the Seraglio among the *Janizaries*: nor doth ſhe reſt there, but croſſing the *Helleſpont*, divers Nations in *Aſia* have her for their popular tongue, as the *Circaſſians*, *Mongrelians*, and *Gazarites* Southward: neither in *Europe* or *Aſia* doth ſhe extend her-ſelf further Northward than to the parallel of forty degrees. But thoſe Nations which celebrate Divine Service after the *Greek* Ceremony, and profeſs obedience to the Patriarch of *Conſtantinople*, as the *Ruſi*, the *Muſcovite*, the *Moldavian*, *Raſcian*, *Boſnian*, *Servian*, and *Bulgarian*, with divers other Eaſtern, and North-Eaſt People that ſpeak *Sclavonic*, have her in a different character from the *Dalmatian*, *Croatian*, *Iſtrian*, *Polonian*, *Bohemian*, *Sileſian*, and other Nations towards the Weſt: theſe laſt have the *Illyrian* Character, and the invention of it is attributed to St. *Jerome*; the other is of *Cyril*'s deviſing, and is call'd the *Servian* Character. Now, altho' there be above 60 ſeveral Nations that have this vaſt extended Language for their vulgar ſpeech, yet the pure primitive *Sclavonic* dialect is ſpoken only in *Dalmatia*, *Croatia*, *Liburnia*, and the

A a 2 Countries

Книгата *Семејни писма* од Џејмс Хоуел од 1737 година во којашто, покрај другите балкански народи кои зборуваат словенски јазик, се споменуваат и „Македонците“.

[482] Поповић, Д. Ј. *О Цинцарима*..., цит. дело, 115.

[483] Јован Албанез бил родум од Подгорица.

[484] [484] Здравева, М. *Македонскиот XVIII* ... : 170; (*Политические и культурние отношения Росии с югославянскими* землями в. 18. В. Документи. Институт истории - Академии наука СССР, Москва, 1984, док. 46, 49, и 51, с. 66 - 71.)

1737 год. Џејмс Хоуел.[485] „Како Русија и Московија, словенски јазици зборуваат: ...*освен самата Славонија, можеби Далмација и Либурнија, просто зборуваат* ***Македонците****, Епирците, Бошњаците, Србите, Бугарите, Молдавците Рашаните и Подолците*...“[486]

XVIII век. Ерлагенски ракопис.

Истекла една вода слатина,
Код ње расте едно дрво маслина
Под маслином шарена халија,
На халија везаната зглавница,
На зглавницата црноока Марија
Туде проѓе церно аро на бел коњ.
-Божја т’помоќ, црноока Марија!
Пије ли се ладна вода слатина?
Гризе ли се тоа дрво маслина?
Седи ли се на шарена халија?
Љуби ли се црноока Марија?
- Мини збогом старо харо на бел коњ!
Не пије се ладна вода слатина,
Нит се гризе това дрво маслина,
Нит се љуби црноока Марија...[487]

1751 год. Елисавета Петровна.[488] „Следствено, беше заповедано, не само на Србинот Хорват туку и на другите христијани - **македонски,** бугарски, влашки и др., да се јават кај киевскиот генерал-губернатор Леонтјев, каде што веќе беше наредено да се формираат два хусарски и два пандурски полка, секој по 4000 луѓе, разделувајќи ги на 20 чети, да се распоредат од утврдувањето Камецки по работ на границата од десната страна, од левата по работ на Запорожци, од турската и татарската граница, во вид на полициска погранична војска.“[489]

---

[485] Хоуел, Џ. - англиски писател и свештеник.

[486] Facebook.com/1VidiVidi/page/492773791122136.

[487] Китевски, М. *Историја* ... : 11-12; *Ерлагански рукопис* (приредили Радослав Меденица и Добрило Аранитовић). Никшић, 1987: 48.

[488] Руска царица (1709 - 1762).

[489] Матковски, А. *Македонски полк* ... : 174.

1751 год. Руски сенат. „За преселувањето во Русија на Бугарите (исто така на **Македонците**, Србите и Власите) и за формирањето одделни полкови од нив кои имаат цел да се населат по должината на тогашната турска граница.“[490]

1752 год. Руска царска грамота. „Најмилозливо Ви благодариме и Ви порачуваме Вам, генерал-мајоре Хорват, со другите офицери што се кај Вас, а што заминаа по своја заложба од православните српски, **македонски,** бугарски и влашки народи, повикувајќи ги во доброволна служба и под наше подаништво.“[491]

1756 год. Македонци од Македонскиот полк во Украина.

Имено, кон средината на XVIII век, во новите руски предели, вклучително и Украина, се преселила бројна емиграција од Балканот. Во хусарскиот полк на Шевич,[492] покрај Срби, имало и лица од „греческую“, „венгерскию“, „болгарскую“ и „волоскую нацию“, 74 лица се декларирале како „**из Македонской нацией**“. Од овие 74 пријавени Македонци во полкот 30 биле писмени. Најмладиот војник имал 14 години, а највозрасниот 50.[493]

ИМИЊА	ВОЗРАСТ	ДАТУМ НА ДОАЃАЊЕ	НАЦИЈА
Константин Поп	39	24 октомври 1752	**македонска**
Георѓа Петров	42	24 октомври 1752	**македонска**
Панајот Костјатин	34	11 август 1739	**македонска**
Анто Добринов	42	18 мај 1754	**македонска**
Јован Хомецкој	25	1 април 1749	**македонска**
Тодор Василев	27	6 февруари 1749	**македонска**
Иван Ангелов	23	10 мај 1754	**македонска**
Степан Андреев	28	1 април 1749	**македонска**
Николај Илина	25	6 мај 1754	**македонска**
Иван Хорол	39	18 септември 1751	**македонска**
Михаил Свиридов	23	1 април 1749	**македонска**
Иван Илина	27	1 февруари 1741	**македонска**
Василеј Леонтев	28	1 февруари 1749	**македонска**
Христофор Миокромиј	22	26 јули 1754	**македонска**
Иван Шираевској	21	31 август 1754	**македонска**

[490] Истото.

[491] Истото, 177.

[492] Здравева, М. *Македонскиот XVIII* ... : 241; Матковски, А. *Македонскиот полк*..., 184 - 187.

[493] Матковски, А. *Македонскиот полк*..., 183-190; Цернтални државний исторический архив РУ, Киев, Фонд 1413, опис, 1, зб. 6/1756.

Саво Мокрев	29	29 октомври 1754	**македонска**
Костентин Ангелов	18	15 октомври 1745	**македонска**
Дмитри Тедотов	32	6 октомври 1754	**македонска**
Иван Петров	19	12 декември 1754	**македонска**
Теодор Степанов	19	12 декември 1754	**македонска**
Степан Констентин	16	12 декември 1754	**македонска**
Мојсеј Констентин	14	12 декември 1754	**македонска**
Иван Батури	32	24 февруари 1755	**македонска**
Петр Баханов	32	24 февруари 1755	**македонска**
Матвеја Такарев	27	24 февруари 1755	**македонска**
Кјарјал Небрикаев	24	24 февруари 1755	**македонска**
Данило Сухомлинов	25	24 февруари 1755	**македонска**
Јоан Хулиенко	22	24 февруари 1755	**македонска**
Демјан Чрњагорцев	24	24 февруари 1755	**македонска**
Роман Усјаков	22	24 февруари 1755	**македонска**
Тјамотеа Усаков	32	24. февруари 1755	**македонска**
Василеј Михаилов	27	24 февруари 1755	**македонска**
Гаврил Михаило	20	24 февруари 1755	**македонска**
Теодор Орловскои	29	5 мај 1755	**македонска**
Семен Антонов	23	5 мај 1755	**македонска**
Прокофеја Андреев	19	5 мај 1755	**македонска**
Тома Маноилов	19	5 мај 1755	**македонска**
Игнат Волошенко	21	5 мај 1755	**македонска**
Никодим Пешеја	26	19 јули 1755	**македонска**
Леонтиа Семенов	31	3 јули 1755	**македонска**
Ерја Тедоров	20	3 јули 1755	**македонска**
Јаманди Јанаки	31	23 септември 1755	**македонска**
Иван Симионов	22	23 септември 1755	**македонска**
Георгја Атанасиев	26	23 септември 1755	**македонска**
Георги Дмитриев	21	23 септември 1755	**македонска**
Стојан Одобаши	50	6 декември 1738	**македонска**
Костентин Попов	41	29 декември 1752	**македонска**
Федо Одобаши	29	1 мај 1749	**македонска**
Панајот Колеан	36	17 август 1739	**македонска**
Антон Добјанов	49	18 мај 1754	**македонска**
Иван Хомецко	27	1 април 1754	**македонска**
Теодор Васиљев	29	6 февруари 1749	**македонска**
Јанатја Кородов	35	10 мај 1754	**македонска**
Михаила Свиродов	25	1 апр. 1749	**македонска**
Иван Иљан	29	1 фев. 1749	**македонска**

Степан Костентин	16	12 дек.1759	**македонска**
Моисе Костентин	15	12 декември 1759	**македонска**
Петр Схаи	39	29 февруари 1755	**македонска**
Дамјан Схаи	27	29 февруари 1755	**македонска**
Грегор Михаљ	20	29 февруари 1755	**македонска**
Иван Сухолја	23	11 јануари 1758	**македонска**
Дамјан Белобородовски	40	1 декември 1754	**македонска**
Ордан Турчев	28	16 април 1749	**македонска**
Аткен Иван	33	7 ноември 1754	**македонска**
Антони Мерецини	33	31 октомври 1754	**македонска**
Григориј Трандафајал	26	6 април 1759	**македонска**
Леонда Њакола	21	6 април 1759	**македонска**
Рома Лушјан	35	20 април 1759	**македонска**
Даве Никифор	43	10 ноември 1754	**македонска**
Артем Белокриницки	28	1 мај 1754	**македонска**
Јакови Барони	30	31 октомври 1754	**македонска**

1757 и 1758 год.[494] Митрополит Василиј. Барајќи да бидат заштитени христијанските народи на Балканот, митрополитот Василиј нагласил: „християнские народи в турецком поданству: Албанезьі, **Македоняни**, Сербїьі и Болгари, Бошяки.“[495]

1764 - 1765 год. Извештај на Мелунгов.[496] Во овој извештај од Елисаветската Губернија биле наброени доселеници од повеќе земји од Балканот: „Срби 52, Бугари 20, Унгарци, Власи и други, меѓу кои, и **17 Македонци**.“[497]

Средина на XVIII век. Македонски топоними во Руското Царство. Меѓу имињата на новонаселени места во Херсонската Губернија, создадени од имигранти од Балканот се и: „**Македонов**“, „**Македоновка**“, „**Македони**“, „Скопиевска“, „Куманово“, „Малаја Каратовка“ и „Новиј Полог“.[498]

---

[494] Црногорскиот митрополит Василиј испратил две писма до Петар Иванович Шувалов во 1757 и во 1758 год.


[495] Здравева, М. *Македонскиот XVIII* ... : 241; Вуксан, Душана. *Преписка митрополита Василија*..., 48 (док. 31), 52-53 (док. 37) и 56-57 (док. 38).

[496] Извештајот, меѓу останатото, содржел информации за Елисаветската Губернија во Русија (денешна Украина).

[497] Здравева, М. *Македонскиот XVIII*..., 224; (Полонская-Василенко, В. Д. Из истории Южной Украиньі, в 18. В. Заселение Новороссийской губернии (1764 - 1775), Исторические записки, АН СССР Институт истории. Москава, 1942, 159.

[498] Здравева, М. *Македонскиот XVIII* ... : 174; Матковски, А. *Македонскиот полк*..., 283-285.

1768 год. Јоанес Георгиус Шванднер.



AUGUSTISSIMÆ
INVICTISSIMÆ, AC GLORIOSISSIMÆ
ROMANORUM IMPERATRICI
MARIÆ THERESIÆ
HUNGARIÆ, BOHEMIÆ, DALMATIÆ, CROATIÆ, SERVIÆ, RASCIÆ, GALLICIÆ, LODOMERIÆ, CUMANIÆ, BULGARIÆ, SLAVONIÆQUE
REGINÆ,
ARCHIDUCI AUSTRIÆ,
DUCI
BURGUNDIÆ, BRABANTIÆ, MEDIOLANI, STYRIÆ, CARINTHIÆ, CARNIOLIÆ, LUXENBURGI, WYRTEMBERGÆ, UTRIUSQUE SILESIÆ.
MAGNÆ PRINCIPI SUEVIÆ ET TRANSILVANIÆ,
MARCHIONI S. R. I. BURGOVIÆ, MORAVIÆ, UTRIUSQUE LUSATIÆ,
COMITI
HABSPURGI, FLANDRIÆ, TYROLIS, FERRETIS, KYBURGI, GORITIÆ; DOMINÆ MARCHIÆ SLAVONICÆ ET PORTUS NAONIS, &c. &c.
DOMINÆ DOMINÆ
CLEMENTISSIMÆ.


ALTERA VIA INFERIOR, QUÆ EX EODEM BELGRADO PER DARDANOS ET TRIBALLOS MONTES ÆMUM TRANSGRESSA, PROPE HEBRUM CUM SUPERIORI VIA CONJUNGITUR.

Altéra inferior via eſt acceſſu perfacilis. Patet enim ex Belgrado ad fines Myſiæ & Dardanorum CCLXXX. millibus paſſuum. Progrediens circa Oſſernize oppidum, & Ravanicenſe monaſterium, adducit primo ad Moravam, olim Moſchium dictum, ad latus arcis Cruſcevæ fluentem, quandoque imbrium exundatione invadabilem; dehinc ad Baſilicam albam, & Apennini montes, Myſiam invicem ſeparans. Raſciani enim, primi hujus provinciæ populi, feroces ac bellicoſi, eam partem incolunt, quæ ad Dravum, Savum, & Iſtrum flumina ſpectat; Valachi montana, genus agreſte hominum, hi gregibus tantum pollent & armentis. Aliam autem, quæ ad Dardanos, Macedones, & Triballos vergit, Serviani, gentes uſu mitiores, & ſiderum aſpectu benigniore, eo quod magis ad meridiem tendant, & frequentiam commeantium mercatorum habeant. Pertranſitis itaque montibus, ſequitur planum Dubotizæ frequenter inhabitatum. Sed dimiſſo aliquantiſper ad lævam tramite, qui ad villam magnam Procopiæ & Niſſum dirigit, non procul offert ſe vallis Coſſovizæ, cum Labo flumine, per medium ejus decurrente, procedens ad latiſſimum Coſſovum campum, celebratum toties diverſarum gentium certaminibus. Verum ex multis, quæ hic præclare geſta in antiquis narrantur annalibus, pauca in hujus campi memoriam repetam.

Galli olim Græciam atque Aſiam occupaturi, illic primo tumultuantes, cum circum finitimis populis prælium iniere, non ſine magna ſtrage, ut ex eorum monumentis apparet. Precibus namque vix inducias obtinuerant, donec traditis ſepulturæ occiſorum corporibus, a provincia abirent. Præterea

Книгата на Шванднер од 1768 год. и страницата 189, каде што, меѓу другото, пишува: „...Рашка... на југ се протега до самото тромеѓе меѓу Дарданците, **Македонците** и Трибалите.“[499]

1778 год. Доминик Шрум.[500]



REVERENDISSIMI D.D.
BARTHOLOMÆI CARRANZA
ARCHIEPISCOPI TOLETANI
EX ORDINE F.F. PRÆDICATORUM ASSUMPTI.
SUMMA CONCILIORUM
DUDUM COLLECTA
CUM
ADDITIONIBUS FRANCISCI SYLVII,
NUNC VERO
IN NOVUM ORDINEM CHRONOLOGICUM REDACTA, RESIDUIS CONCILIIS OMNIBUS AUCTA, USQUE AD MODERNUM SUMMUM PONTIFICEM PIUM VI. CONTINUATA, SUCCINCTIS NOTIS HISTORICIS, THEOLOGICIS, ET CANONICIS ILLUSTRATA, TRIPLICI INDICE PONTIFICUM, CONCILIORUM, ET CANONUM INSTRUCTA,
ET
IN QUATUOR TOMOS DISTRIBUTA
P. DOMINICO SCHRAM
BENEDICTINO RATISBONENSI,
SS. THEOLOG. AC SS. CAN. PROFESSORE EMERITO.
TOMUS III.
AB ANNO CHRISTI MCC. USQUE AD ANNUM MDXLIX.
SUPERIORUM PERMISSU, ET APPROBATIONE.
AUGUSTÆ VINDELICORUM,
SUMPTIBUS MATTHÆI RIEGER P. M. FILIORUM.
MDCCLXXVIII.

424 *Summa Conciliorum.*

ventu Sacerdotiorum in ſumptus belli Turcici conferrentur. Pontifex enim metuens Italiæ ab Amurathe Imperatore Turcarum, quod jam magna ſtrage Bulgaros, Servios, Macedones, & Albanos profligaſſet, undique ſubſidia corrogabat, & in Poloniam Nuntium Nicolaum Epiſcopum Majoricenſem ea de cauſa miſerat. Ita Staravolſcius *in epit. Conc.*


Во книгата на Доминик Шрум во проширената верзија од третиот том на *Summa Conciliorum* се споменуваат Бугарите, Србите, **Македонците** и Албанците.[501]

[499] https://l.facebook.com/Macedonia: a true endless story … 29 april 2014; http://books.google.mk

[500] Доминик Шрум бил германски теолог и филозоф.

[501] Македонска национална академија, Opserver.mk*, Средновековни извори кои сведочат за Македонци како одделен народ во сите историски периоди*, 20 март 2021.

1784 - 1786. Баронот де Тот.[502]




MEMOIRS
OF THE
BARON DE TOTT,
ON THE
TURKS AND THE TARTARS.
TRANSLATED from the FRENCH.
By an ENGLISH GENTLEMAN at PARIS,
Under the immediate INSPECTION
OF THE
BARON.
VOL. III.
DUBLIN:
PRINTED FOR L. WHITE, J. CASH, and R. MARCHBANK.
M,DCC,LXXXV.

But though the Stone was procured from the Rock on which we built, and the Materials, conſequently, at hand, yet the Layers of Porphyry it contained, by reſiſting the beſt tempered Tools, made it difficult to penetrate; my indefatigable Macedonians, however, overcame all obſtacles.

Notwithſtanding the Grand Seignior deſired ſo much Diſpatch, I had eſtabliſhed a Day of Reſt, and permitted the Workmen to go, on the Sunday, and amuſe themſelves in the neighbouring Village. Thoſe who worked at the Caſtle, on the European ſide, took advantage of this Indulgence to divert themſelves at Fanaraki *(z)*. Twenty-two Macedonians, each with his Muſquet on his ſhoulder, went thither, and met in a Tavern, where they ſang the Victories of Alexander. At the ſame time a large Saique, loaded with Ammunition, for Varna, meeting with a contrary Wind, had anchored, under ſhelter of the Rock, before the Village.

„Дваесет и двајца **Македонци**, секој со пушка на нивното рамо, отидоа таму и се собраа на таверната каде што пееја за победите на Александар.“

[502] https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/05/1785_Memoirs-of-the-Baron-de-Tott-vIII-Dublin-English-version-translated-from-French.jpg. Францускиот барон Де Тот, кој раководел со одредени градежни зафати на Кримскиот Полуостровот во тоа време под контрола на Османлиската Империја, објавил книга на француски јазик, а горниот наслов *Мемоарите на баронот Де Тот за Турците и Татарите* бил преведен на англиски јазик и издаден во Даблин 1785 год.



Buck Whaley's Memoirs

INCLUDING HIS JOURNEY TO JERUSALEM

WRITTEN BY HIMSELF IN 1797 AND NOW FIRST PUBLISHED FROM THE RECENTLY RECOVERED MANUSCRIPT

Edited, with Introduction and Notes,

BY

SIR EDWARD SULLIVAN, BART.

The janissaries amount to one hundred thousand. They sometimes render themselves formidable to the nation, and even to the Emperor himself. Five thousand of them mount guard every day at the Palace. The Emperor orders provisions to be distributed among them. If they are dissatisfied, they shew it on that occasion by overturning the dishes with their feet, in which case every attempt is made to pacify them. Their first institution was under Morad 2nd, and [? they] were composed of young Bulgarians and Macedonians, sent in tribute to Constantinople. They were originally called *hadgimi*, which in the Turkish language signifies "strangers;" afterwards janissaries or "new soldiers." Most of them have some trade, are allowed many privileges and exempt from duties to which the rest of the army are subject. Corporal punishment is not inflicted on them where death is not merited. In such cases they are allowed the privilege of being strangled, whilst others for similar offences are empaled or decapitated.

Според мемоарите на Бак Валеј од 1797 година, првото востановување на јаничарите било за време на Мурат II и таа институција била составена од млади Бугари и Македонци.[503]

503 https://мна.мкд/wp-content/uploads/i-/11--/11.1---/1797-1906_sir-edward-sullivan-buck-whaleys-memoirs-including-his-journey-to-jerusalem-london-p153.jpg.

V ДЕЛ

БАЛКАНСКА МЕШАНИЦА
(Прва половина на XIX век)

ЕТНОНИМИТЕ КАКО СОЦИЈАЛНА И РЕЛИГИОЗНА КАТЕГОРИЈА

Во почетокот на XIX век, во рамките на Османлиското царство народносните имиња за обичното балканско население повеќе имале значење на ознаки за припадност на социјален сталеж или религија, дури и карактерни особености на групи и поединци отколку етничка ознака. Така, меѓу балканското население настанала уште една етничка мешаница, која од некои била иманувана како „балканска мешаница“.[504] Така, во Србија и Австро-Унгарија поимот „Грк“ се подразбирало трговец,[505] поимот „Влав“ се употребувал за номадите, а „Цинцар“, како и „Евреин“ (Чифут) значело скржав човек.[506] Во Хрватска и Унгарија до почетокот на XX век зборот „Грк“ означува човек кој се занимава со трговија, независно „дали бил Албанец, Македонец или Ерменец“[507] итн.

Ваквите феномени, всушност, се директна последица на 5-вековното османлиско општество кое не признавало народи и нации туку верска припадност. Дури и самите Турци со својата национална преродба доцнеле зад другите народи кои живееле во Османлиската Империја, па позначајните нивни чекори во тој правец започнуваат од Младотурската револуција во почетокот на XX век.[508]

ЗНАЧЕЊАТА НА ИМЕТО „ГРК“ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК

Грците во рамките на Османлиската Империја биле во многу поволна идентитетска позиција во тоа општество преку монополот на Цариградската патријаршија која го негувала штителa и го наметнувала јазикот врз целокупното христијанско население кое се состоело од бројни народи или етникуми. Цариградската патријаршија ги негувала и традициите на Византија и ги чувала нејзините документи. Ваквата позиција на Грчката црква била доведена до надменост и надмоќ над сите други народи и цркви, така што низ

---

504 Здравева, М. *Македонскиот XVIII...*, 263 - 271, 337; (Der Weg der Familie Dumba von *Mazedonien nach un Wien*. Von Max Demeter Peyfus und Elvira Konecny. Mitteilungen des Instituts fur Österreichische Gesdhichtsforsshung, LXXXVIII. Wien-Koln-Graz, 1980,314.

505 Поповић, Д. Ј. *О Цинцарима*..., цит. дело, 110 - 111.

506 Цвијић, Ј. „Метанастазичка кретања, њихови узроци и последице“. *Насеља и порекло становништва*. Београд, 1922: 58.

507 Истото, 111.

508 И повторно влијанието на турската национална преродба е поврзана со турските офицери кои се школувале во Франција.

текот на османлиското владеење со помош на султаните таа успеала да ги укине сите позначајни црковни седишта кои буделе сеќавања на негрчка традиција. Такви се и Охридската архиепископија, Пеќската патријаршија и др. Рускиот истражувач Овсанић, кој повеќепати го посетил Балканот, во својата книга *Србија и Срби* во 1898 година напишал дека: „до 1860 год. во Македонија се одделуваат само Турците и Грците. Турци се викале сите што исповедале ислам, независно од тоа дали им припаѓаат на Османлиите, на Албанците или Словените, а сите христијани се викале Грци, бидејќи тие, со исклучок на неголема група католици, имале грчки епископи и зависеле од грчкиот патријарх. Грчкиот јазик бил на вишото христијанско општество. Тој се употребувал и во училиштата и во црквата, дури и по такви чисто словенски места каде што немало ниту еден Грк. Грчкото духовенство ги држело во свои раце сите подобри места во Бугарија и Македонија.“[512] Бишинг во неговото дело од 1770 год. *Османската држава и Републиката Рагуза* во описот за Бугарија напишал дека во неа се зборува на словенски јазик и дека населението исповеда „еден дел грчка, а во еден муслиманска вера...“[513]

Покрај Цариградската патријаршија, Грците ја користеле нивната привилегирана положба како посредници и преведувачи (драгомани), т.н. фанариоти на целиот простор од Балканот каде што владееле Османлиите, но тие биле посредници и во контактите со многу европски држави. Таквите позиции на Грците им овозможиле пристап до највисоките позиции на Империјата, како и доверливи информации кои вешто ги користеле во нивните трговски зделки. Од друга страна, како посредници меѓу Османлиите и сите други потчинети народи на Балканот тие ја презеле улогата на најдоверливи луѓе на Портата, со што им било овозможено да управуваат со највисоки функции во регионите и да ги имаат високи позиции секаде по балканските градови, дури ги управувале и полузависните кнежевства, какви што биле оние во Влахија, Молдавија, Трансилванија и други. Така, домашните романски кнезови за Портата биле недоверливи и сите нив ги заменувале со Грци.

Ваквата моќ на грчкото свештенство му дозволила не само да ги грцизира другите народи туку и да ги вулгаризира туѓите народносни имиња и поими до ниво на навредливост и пониженост. Па така, во втората половина на XVIII и првата половина на XIX век целиот православен Балкан бил воспитуван на грчки јазик, вклучувајќи ја и територијата на денешна Романија.

[512] Станоевски, Ц. *Како* ... : 58-59.

[513] Истото, 40.

Сепак, тоа развиено народносно чувство не било карактеристично и за сиромашните слоеви. Името „Грци“[514] за најголемиот број од нив, исто така, имало само религиозно или социјално значење, а доказ за тоа е што пред војната за независност (1821) не постоела грчка национална свест. Тоа значело дека кај нив не постоело чувство дека тие биле наследници на античките Грци и се идентификувале како дел од Рум милетот, како христијани или како припадници на локалната селска заедница.[515] Според Јоанис Колуиопулос, пред независноста на нивната држава Грците за себе користеле 3 имиња, но најчесто името Ромеи, додека по започнувањето на борбата за независност 1821 година „сè почесто го употребувале името Елини, некои како Греки, вклучувајќи го и еден од најголемите грчки преродбеници Адамантиос Кораис.“[516]

Меѓу обичните Грци националната свест не била изградена до таа мера да се смета дека е прифатена од поширокиte слоеви. Нивното сеќавање на славното грчко потекло било бледо, а на прашањето - што се?, тие одговарале дека се „христијани“, „нашинци“ или „ѓаури“. Според истражувањата на Поповиќ, кај сите балкански народи зборот Грк бил синоним на лукавост, лажливост, а слично важело и за „погрчените Цинцари“.[517] Од друга страна, Вук Караџиќ во својот Речник напишал дека „во Бачка и по селата се вика Грк секој човек кој држел дуќан.“[518]

Интересен е и поимот „Грк“ во новосоздадената грчка држава, кој бил како уставна категорија потврден и со грчките устави[519] од 1821, па сè до 1927 година, во кој стои: „Грци се сите што се родени во границите на грчката држава и кои веруваат во Христос“, односно еден целосно негаторски устав во поглед на националната и верска припадност за жителите на грчката држава.

---

514 Здравева, М. *Македонскиот XVIII*..., 319, 336.

515 Јовановски Д. - Додевска, И. „Свртување кон средновековното минато - случајот на Грција, политика, идентитет, историја, образование, територија, византиската мисионерска дејност и европското наследство“. *Зборник на трудови од Четвртиот меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I“*. Универзитет „Евро-Балкан“. Скопје, 2017: 110; Gallant, Th. *Modern Greece*. Blumbsury Academic. London, 2001: 68.

516 Истото, 110-111.

517 Истото, 188-189.

518 Караџић, В. *Српски рјечник*. Београд, 1935: 106.

519 Пасиос, Т. *Историја на македонското движење*. Матица. Скопје, 2010: 80. Така, „на националниот собир кој се одржал во Салона (Амфиса) на 20.11.1821 година се одредило дека *тие жители на Грција кои веруваат во Христос се Грци.*“ Истото тоа и во првиот привремен Устав на Грција (Епидаврос, 20.12.1821), како и на Аструс (29.3.1822), но и нормално на Тризинас (мај, 1927).

Според тоа „христијаните во Грција, „од аспект на потекло биле Грци, односно сите Албанци (Арванити), Италијани, Власи, Словени, Тракијци, Македонци, Бугари итн.“[520] се претворени во Грци. Впрочем, не можело и нешто повеќе да се очекува од луѓето и народот кој со векови претходно во Османлиското Царство називот „Грк“ го употребувал за целото православно население. Иако во овие устави називот добил народносно значење, Грците и понатаму привилегијата сите православни народи да се нарекуваат со еден збор - „Грци“, ја искористиле за новата уставна категорија и истовремено и за подготовка на теренот и релизацијата на нивната „голема идеја“.[521]

Во битката за сталешки престиж меѓу Бугарите и самите отворале елински училишта речиси низ сите места каде што живееле. „Првите бугарски световни училишта од современ тип со коишто бугарското образование се издига на тогашното современо европско рамниште се елино-бугарските училишта, наречени и словено-елински и елино-словенски, славјано-грчки, како и елино-славјанобугарски, елино-гречески и елино-грчки и само елински.“[522] Рускиот историчар Голубовски во врска со оваа тема запишал: „Историјата на бугарскиот народ... од времето на турското владеење... претставува тажна историја за вредните заложби на т.н ’висок слој‘ од овој народ (оној слој кој во покултурните земји се нарекува ’интелигенција‘) да го отфрли од себе празниот збор ’бугарска националност‘ и да ја прифати грчката националност или, поинаку кажано, да се престорат себеси во Грци. Не може да кажеме дали брзо или бавно се одвивала оваа преродба, но во 30-тите години на овој век[523] тој процес бил целосен... Не останал буквално ниту еден Бугарин кој сакал себеси да се смета како Бугарин (а не како Грк) и кој сака да зборува и да се моли на својот мајчин јазик (а не на грчки).“[524] Современикот на тоа време, бугарскиот преродбеник В. Думев, во врска со влијанието на грчката култура и јазик врз Бугарите напишал: „...и почнавме ние да учиме на грчки, да зборуваме на грчки и да се декларираме себеси како Грци. И денес меѓу нас има Бугари кои се погрчуваат... и кои ги мразат Бугарите.“[525]

---

[520] Пасиос, Т. *Историја на македонското движење*. Матица. Скопје, 2010: 81.

[521] Јовановски, Д. *Грчка балканска политика и Македонија (1830 - 1881)*. Скопје, 2005: 31-34.

[522] Бойчева, В. „Българското възрожденско училище“. *Култура, църква, и революция, през възраждането*. Сливен, 1995: 294.

[523] Се мисли на XIX век.

[524] Георгиев, К. *Филетизъм или прокятие*. София, 1995: 50-51; Радуле, Ѓ. *Кој ја фалсификува историјата*. Штип, 2002 - 2003: 23-24.

[525] Радуле, Ѓ. *Кој ја фалсификува*..., 24.

Дури и во Русија на почетокот од XIX век сето православно население на Балканот било сметано за грчко. Таков е еден документ на Царството, *Правилник за формирање гилди*[526] за странските трговци од 1824 година, каде што трговците од целиот Балкан се заведени како Грци.[527] Такви документи добиле и свештениците кои добивале права да собираат милостиња во Русија од Крижевци, Милешево, Студеница, Белград, Крушедол, островот Халки близу Цариград, Софија, Метеора, Трикала, Јанина и други.[528] Сите тие заедно се среќаваат во документите како Грци. Ваквите констатации во Русија не треба да зачудуваат со оглед на фактот што голем дел од христијанското балканско население поимот „Грк“ не го поврзувало со национална припадност, туку со религиска. Дури и на самиот почеток од XX век (1901) рускиот писател и патописец Амфитеатров, кој неколкупати ја посетил Македонија, пишува дека: „Кога Македонецот говори за себе ’јас сум Грк‘ - тоа воопшто не значи дека тој ѝ припаѓа на грчката националност. Девет десетини од оние што се нарекуваат себеси Грци не знаат и не разбираат ниеден збор грчки. ’Грк‘ во Македонија значи или преминувач во православна црква, патријаршист или - во селска поимање ’граѓанин‘, ’човек од градот‘: остаток од сосема дамнешни времиња, кога европскиот и - грубо варварско селанчиште, што лежи покорено под меч и потем - цивилизација, и градска грчка сила што ги победи селските варвари и го распространи меѓу нив светот на своите институции, науки и уметности.“[529]

ЗНАЧЕЊАТА НА ИМЕТО „БУГАРИН“ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК

Сфаќањата на етнонимите денес и сфаќањата и истите имиња во првата половина на XIX век не се исти. Како што името „Грк“ во Македонија и на Балканот не значело етноним во денешна смисла, истото тоа може да го констатираме и за името „Бугарин“.

Францускиот писател Сипријен Робер патувал во Европска Турција во 1842 и 1843 година и од тоа патување произлегле објавените статии во *Revue des dux Mondes*.[530] За изградената свест меѓу македонското и балканското

[526] Гилди - еснавски организции.

[527] Здравева, М. *Македонскиот XVIII* ... : 165-166.

[528] Истото.

[529] Станоевски, Ц. *Како* ... : 177.

[530] Посебно: Le monde gréco-slave, État actuel, moeur publiques et privées de la péninsule, Revue des Deux Mondes, 1 février 1842; Les Bulgares, ibid. 1 juin 1842; Union bulgaro-serbe, Affaires de Serbie, ibid. 14 jullet 1843; Дого, М. „Претставите за Македонија на запад во XIX и XX век“. *Гласник*, 1. ИНИ. Скопје, 1987: 103.

население за името „Бугарин“ францускиот Робер констатирал дека: „во нивниот разум називот Бугарин ги означува сите христијански нации, како спротивност на муслиманите.“[531]

Во почетокот на XIX век поимот „Вулгарос“ или Бугарин за Грците значел прост човек, неписмен, па така, како Бугарите и Македонците така и Србите, Црногорците, Босанците, Грците често ги нарекувале „Вуглари“ и „хондроќефалос“, т.е. дебелоглави.[532] Таквата несоодветна и навредлива квалификација има свои корени уште од времето на средниот век.[533] Ваквото вулгаризирање на поимот е карактеристика на тогашното и подоцнежното гледиште на економско моќните, културолошки супериорните, привилегираните и поддржувни во секоја смисла на зборот од османлиското оптштество - Грците, кои успеале како такво, за жал, да го наметнат и врз словенските народи и широко да се распространи. За ваквото значење на зборот Мисирков запишал: „Бугарското име меѓу Словените беше популаризирано од Грците, и тоа прво ги означуваше Бугарите - Монголите... Но тоа име во очите и устата на Грците имаше уште едно специјално значење: најневистинити за нив варвари, луѓе необразувани, груби, кои граничат со sверовите. За Грците сето словенско беше грубо и бугарско.“[534]

Инфериорноста на словенското население била до таква мера присутна што во своите спомени Григор Прличев запишал дека: „кога човек ги чита нашите народни песни, каде што секоја убавица се нарекува Гркинка, неволно ќе заклучам дека клетото самопрезирање е знак на бугарштината.“[535] Еден од најистакнатите преродбеници, Рајко Жинзифов, во едно негово писмо од 1864 година[536] го употребил изразот „бугарски“ во смисла на „сиромашен“. Тој во писмото до Бугаринот Васил Д. Стојанов, кој живеел во Прага, изразил желба да живее барем два-три месеца во Прага за да научи чешки, но не е сигурен бидејќи немал доволно пари и како што напишал: „пиши ми, ти се молам, со колку може да се живее во Прага по бугарски, т.е по сиромашки.“ Според тоа, дури и во втората половина на XIX век Македонците го употребувале тој израз „бугарски“ со преносно значење. Меѓутоа, како што со

---

[531] Истото; Les Bulgares, … 891.

[532] Поповић, Д. Ј. *О Цинцарима: Прилози питању постанка нашег друштва*, Београд, 1937: 181; Трајановски, А. *Црквоно-училиштите општини во Македонија*. ИНИ. Скопје, 1988: 244.

[533] Панов, Б. *Средновековна* ... : 299-303.

[534] К. П. Мисирковъ, За македонцките работи, София, 1903.

[535] „Македония“. *Сборник* ... : 375.

[536] Доровски, И. „Капитоли од чешко-македонските културни односи“. *Гласник*, 2. ИНИ. 1968: 129-130.

текот на времето Охридската архиепископија ја губела јурисдикцијата врз земјите северно од Македонија така овие називи останале да се користат од православното население само во Бугарија, Македонија и Грција. За тоа сведочи и Крсте Петков Мисирков кон крајот на XIX и почетокот на XX век.[537]

Според тоа, изјаснувањето на македонското население за „грчко“ или „бугарско“, кое може да се среќава во изворите до крајот на османлиското владеење во Македонија историчарот треба да го прифаќа со крајна резерва. За тоа сведочи бугарскиот дипломат, трговски претставник и голем бугарски пропагатор во Македонија - Атанас Шопов. Шетајќи и работејќи низ Македонија во 1887 и 1891 год. тој докажува дека: „Смислата на зборовите ’Грк‘ и ’граѓанин‘ е ист. Граѓанинот не може да се именува за *грк*, затоа што ќе носи изрека *селанин*, така што кој се преселил од селата во градовите задолжително примал назив ’грк‘, т.е. ’граѓанин‘... Селаните под називот *грк*, подразбираат *граѓанин*, човек кој не е *селанец*... Истото го гледаме во Мелник, Сер, Костур и на други места Којшто се преселил да живее во град, тој станал *грк*, т.е. *граѓанин*...[538] Бугарин означувал *селанин*. И денес Битолско сè уште за зборот ’бугарин‘ се подразбира ’селанец‘, макар бил тој Турчин, Влах или Грк.“[539]

Кај селото Рупел Шопов разговарал со селани: „Ами ти што си, Бугарка или Гркинка? Селанката се насмеа на глас, по неа и селанецот. Моето прашање им се виде нејасно.

- *Каква Гркинка*? *Пере ли Гркинка*? *Оди ли боса*? - врати селанецот.
- *Чекај, сакам таа сама да ми каже што е*.
- *Што сум, не гледаш ли, дебела бугарка, селанка*.“[540]

Бугарите, пак, кои биле доселени на територијата од денешна Романија, почнувајќи од XIV век, особено во XVI век, се нарекувале „Срби“, а во XIX век во Влашко се користела и етноознаката Бугаро-Срби или Србо-Бугари, а било прифатено и од самите доселеници во нивните молби до државата.[541]

Според бугарскиот академик А. Т. Балан, во една негова статија од 1904 година, обидувајќи се да ја докаже „заблудата“ на Мисриков за постоењето посебен македонски народ, ни остава драгоцена слика за отсутноста на

---

[537] Ристовски, Б. *Македонскиот народ и македонската нација*..., 1: 8-69.

[538] Шопов, А. *Из живота и положението на българите във вилаетите 1893*. София, 2013: 120.

[539] Истото.

[540] Истото, 118.

[541] Делакулонш, А. *Лулката* ... 14; Младенов, М. С. „За етнонима сърби (sirbi) ‘българи‘ въ румънската топонимия“. *Българска етнография*, X/3. 1985: 3-11.

народносната свест на обичниот Бугарин во XIX век, дури и за несигурното народносно чувство на Бугарите во првите децении од постоењето на бугарската држава. Па така, за таа состојба, меѓу другото, напишал: „Одамна ли беше до ослободувањето на Бугарите кога и по цела Бугарија се слушаа одговори на Бугарите на прашањето 'што се' (по народност), дали се 'христијани' или 'раја'? Па не е голема реткост и сега уште да се чуе Бугарин како одговара во судот на прашањето за својата народност дека е 'христијанин'. Нему поимот за народноста уште не му станал нова придобивка на разумот. Во турско време бугарскиот селанец ги означуваше Бугарите од градовите со зборот 'Грк', граѓанската носија за него беше 'грчка носија'. А бидејќи Грците го титулираа тој селанец со 'дебелоглав Бугарин', неговиот брат од градот љубеше да се нарекува 'Елин' за да не трпи презир под своето вистинско национално име. Нели е тоа сосема исто со она што го расправа г. Мисирков за називите на македонскиот Словен? Името 'Бугарин' беше паднало и во Бугарија до степен што го допираше само туѓ презир. Во устата на самиот Бугарин тоа име толку се испразни од национална содржина, што стана синоним на 'христијанин' - име кое ја опфатило цела етичка содржина на бугарската индивидуална и општествена свест. Нашиот селанец кога ќе речеше 'ние сме Бугари', мислеше 'ние сме христијани', т.е. православни. Рускиот цар за него беше 'бугарски цар' не по народност, ами по православно христијанство."[542]

Според истражувањата на Цвијиќ, називот Бугарин на поголем дел од Балканот значел население од која било народност кое живее и работи на чифлик, има груб живот, кој е посветен на тешка земјоделска работа.[543] Него го цитира и рускиот новинар Андреј Сиротинин кој го поддржува Цвијиќ, односно кога Македонците самите себе си се нарекувале „Бугари", всушност: „тој збор не значи 'Бугарин', туку 'Словен воопшто', како спротивност на Турчинот и Гркот или пак, прост 'необразован човек'. Рускиот, бугарскиот и српскиот говор Македонецот подеднакво ги вика 'бугарски', т.е. словенски. Од друга страна, слично на тоа, како што дивата пченица меѓу народот е позната под името 'бугарска', за тие што живеат просто, сиромашки, велат дека се 'асли Бугари', вистински Бугари..."[544] Рускиот писател Амфитеатров го наведува примерот со искуството на бугарскиот научник Офејков, кој, патувајќи низ тогашната руска Провинција Бесарабија, односно Молдавија, каде што

[542] *Историска вистина*. Култура. Скопје, 1981: 44; Балан, А. Т. „Една македонска теория". *Периодическо списание*, LXV. 1904: 818.

[543] Цвијић, Ј. *Српски книжевни гласник*. 1927: 208.

[544] Станоевски, Ц. *Како* ... : 148-149.

живееле голем број бугарски преселници, му го раскажал на својот пријател случајот со традиоционалните сфаќања на етнонимите како социјална категорија донесени од Балканот: „Патувајќи по Русија, попаднал во едно од бугарските села во Бесарабија. Гледа селаните се држат цврсто за обичај донесен отаде дунавската татковина, јазикот го паметат одлично, со еден збор оберачки се држат за својата националност и преданија. Ги прашува:

- *Па имате ли свештеник и учител*?
- *Се разбира*! *Добри луѓе, Бог да им даде здравје*.
- *Ваши се, едноселци*?
- *Не, порано беа наши, но откако изумреа, ни пратија Грци*.

Ова објаснување, се разбира, го удрило бугарскиот научник Офејков, фанатик, националист, како нож в срце: *Како*!? *Грчко духовенство во бугарско село*? Оди кај свештеникот. Се покажува дека е тој Бугарин. Научникот е во недоумица.

- *Братче* - моли тој - *од какво потекло сте вие*?
- *Се разбира, Бугарин*.
- *Зошто парохјаните ве викаат Грк*?
- *А, затоа* - се смее попот - *дека сум родум од Кишињев и учев во Кишињев. Според нив, Бугаринот е селанец што живее и ора земја. А во градовите живеат Грци. Па и јас, иако сум Бугарин, градски жител, би требало, според нив да сум - Грк*.“[545]

Во Македонија, како и во Бугарија, терминот „Бугарин“, исто така, најпрвин имал социо-културолошко значење, сè до појавата на првите македонски руски воспитаници коишто заедно со бугарските преродбеници започнале решавачка борба против грчкото влијание. Дотогаш Македонците ги нарекувале Бугарите „Шопи“, за што ќе стане збор во натамошниот текст, што е уште еден доказ дека името „Бугарин“ во Македонија имало повеќе социјално значење, а не етничко.

Терминот „Бугарин“[546] означувал „селанец“, „неписмен“ на голем дел од Балканот, а поимот *бугарско*, значел *просто*, *едноставно*, *нелитературно*, додека во Романија „Бугарин“ значело *градинар*, та дури бил направен и глагол *Bulgari*, со значење „одгледувам зеленчуци“.[547]

Генералното обележје на балканските народности во Османлиската Империја се формирало според пишаните и обичајните правила на двата

[545] Истото: 177 - 178.

[546] „Дело“. *Етнографска проматрања*. Београд, 1912: 15.

[547] Делакулонш, А. *Лулката* ... : 14; *Dictionarul limbii romane*. Bucaresti, 1913: 684-685.

највлијателни фактори - муслиманската држава и Цариградската православна патријаршија. Со други зборови, етничките ознаки добиле социјален или религиски белег.

Заради тие социајлни и религиски, а не народносни ознаки денес во записите среќаваме дека и во Босна зборуваат бугарски. Еве едно сведоштво на А. Јовановиќ-Коџа: „На 17 декември од Солун во 1916 година француската војска, во која бев преведувач, подигаше модерен друм за сообраќај меѓу фронтот и градот. Работниците беа цивили. Тие секое утро се довезуваа со воз од Солун. Повеќето беа Турци и Грци, малку наши. При надгледувањето јас го придружував инженерот, француски офицер, и им ги преведував на работниците наредбите на овој. Во месец февруари, по еден преглед, останав кај една група која требаше да изврши една работа под мој непосреден надзор. Еден од работниците, помлад човек, ми се обрати, на мое големо чудење, на нашето убаво јужно наречје. Го прашав да не е Србин, мислејќи дека се крие од воена обврска. Ми одговори дека е Грк од Цариград, што несомнено се виде од неговиот натамошен говор, кој навистина оддаваше вистински Грк. Српски научил во Сараево каде што живеел петнаесет години како слаткар. Узнавајќи го ова, повеќе не ме интересираше, го прекинав разговорот. Но тој продолжи да зборува на турски со своите другари: ’Вие сте, бре, спрема нив бедници и будали. Нивните жени и девојки не се кријат како вашите на кои ни очи не можеш да им видиш. Тие зборуваат откриени со луѓето и на портите флертуваат со момците. Луѓето се ефендии, беглери, богаташи и големи зенгини, а ниеден турски збор не знаат ни тие ни нивните жени. *Сите зборуват бугарски*.“[548]

ИМЕТО „СРБИН“ СО ПРЕНОСНО ЗНАЧЕЊЕ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК

Кога станува збор за религиското означување со помош на етнонимите, да ги додадеме и забелешките со зборот „Србин“ кој во одреден период и одредени региони значел „православен“. За тоа Амфитеатров пишува: „Недоразбирањата од слична природа имало и со зборот ’Србин‘. Гилфердинг сведочи дека ’Србин‘ во старата балканска навика значи ’православен‘ народ... Истражувачите - србофили, како Гопчевиќ, со сесрдност ги внесувале во своите списоци сите како Срби; односно секој кој се нарекувал себеси Србин само во смисла на својата припадност кон српската, т.е.

[548] Јовновиќ-Коџа, А. Ј. *Постанак егзархије, Турска, Русија и Србија*. Скопље, 1936: 180; Ташковски, Д. *Раѓањето на македонската нација*. Нова Македонија, 1966: 100.

православна вера.“[549] Србите во составот на Хабзбуршката Монархија влегувале во составот на „илирскиот народ“, а жителите на Србија во составот на Османлиското Царство до 1900 година во неослободените краишта од Србија во патните исправи официјално се воделе како Румелиоти, Болгари (егзархисти) или Грци (патријаршисти) од проста причина што тие правила во тоа Царство важеле за сите православни народи.

ИМЕТО „МАКЕДОНЕЦ“ ПРИСУТНО ВО ДЕЛ ОД БУГАРСКОТО НАСЕЛЕНИЕ

Според некои документи од руските архиви,[550] постоеле дури и жители на денешна Бугарија кои во првата половина на XIX век сметале дека жителите на Пловдив се Македонци и дека Македонија се простира не само на нејзините традиционални територии, исцртани од времето на кралевите Филип и Александар, туку и на територијата јужно од Стара Планина, односно Тракија. Таков пример е Трифон Н. Давидски од Пловдив (околу 1823) којшто во неговите зачувани записи: прокламацијата „За верата Христова и за верноста на нашата татковина“, меморандумот „Молба и желба“ до главниот командант на руската армија, како и неговата песна „Песна македонска“, го претставува автентичен израз на народот од „праотеческата земја Македонија“ и одраз на патриотскиот стремеж „на христијанскиот род што живее во Македонија“ и го носи името „Македонијанци“,[551] а и самиот се декларирал како „Македонца“.[552] Слично на Давидски, учителот Христаки Павлович на насловната страница од својот учебник нагласува дека е од „Дупница Македонска“. Тоа на двапати го потврдил и Неофит Рилски во 1835 год., додека во посмртното издание на авторовите „Стихове“, исто така во насловот е именуван „Христакја Македонца“.[553]

---

[549] Станоевски, Ц. *Како* ... : 178.

[550] Росийский государственнъій исторический архив, С. Петербург, ф. 673, оп. 1, ед. хр. 386, лл. 1-3 с об.

[551] Ристовски, Б. „Јасно слонце ... : 6-8 и IV, 36, октомври, 1997: 15-18; Ristovski, B. „The Bright Sun Rises in the East“. *The MacedonianTimes*, IV, 4. Skopje, September 1997: 6-8 and IV, 5 October 1997: 15-18; Ристовски, Б. *Формирањето на националната свест на православните балкански народи во XIX век“: Прилози*, XXVIII, 1-2. МАНУ - Одделение за општествени науки. Скопје, 1997: 43-66.

[552] Българска възрожденска книжнина. Аналитичен репертоар на българските книги и периодични издания 1806 – 1878, I, Съставил д-р Маньо Стоянов, София, 1957, 276.

[553] Ристовски, Б. *Историските основи на Македонската академија на науките и уметностите*. МАНУ. Скопје, 2017: 7; Стојановъ, М. *Българска възрожденска книжница*, I.

Ваквите примери на измешани идентитетски чувства биле нормален процес во предпреродбенскиот период кај балканските народи, кои сè уште биле во фаза на т.н. „почетно“ себеизнаоѓање, со недоволни документарни сознанија за сопствената историја и јазик и подложни на различни влијанија.[554] Според тоа, процесите на национално и јазично самосознавање и афирмација на балканските народи, помалку или повеќе, порано или подоцна, имаат слични патишта. Почетоците на тие патишта на себеосознавање меѓу балканските народи биле нејасни, несигурни, лесни за манипулација, подложни на различни влианија и нималку славни. Оттаму, секоја употреба на етнонимите како социјални и религиски поими од обичниот народ во XIX век служи, од страна на некои странски научници, за жал, неретко и денес, за лажно докажување за потеклото на Македонците и е злонамерно и тенденциозно, како и во служба на државно-политички доктрини.

Познатиот германски географ Алфред Кирхов (1838 - 1906) во своето дело *Географија на Европа* од 1893 година со право констатира дека „Балканскиот Полуостров беше и останува арена на свесна и несвесна борба на народите. Едни од нив тешко се одржуваат, други речиси гинат, а трети по вековното национално спиење се будат за нов живот и неочекувана дејност. Тука има најразлични национални барања, религијата значително разделува и врзува, па тешко е да се најдат вистината и вистинското место за секој народ.“[555]

ЕТНОГРАФСКИТЕ „ОТКРИТИЈА“ НА НЕКОИ ЕВРОПСКИ ПАТОПИСЦИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК

Во почетокот на XIX век се појавува една нова состојба во градењето на народносната свест кај балканските народи. Тој нов момент е влијанието на големите европски сили, коишто, кроејќи ги нивните стратегии за проширувањето на влијанијата на Балканот, ги поттикнуваат претставниците на балканските народи за народносно будење, и тоа најчесто се случува меѓу имигрантите или делови од тие народи кои потпаднале под тие држави.

[554] Зачудува фактот што и во XXI век имаме историчари кои ваквите бледи сознанија за преродбениците на Балканот ги злоупотребуваат за потребите на експанзионистичките политики на Балканот. Дури во одредени примери научните академии се директни поттикнувачи на таквите политики.

[555] Ошлис, В. *Гермакедонија: Студии за македонско-германската заемност низ вековите*. Македоника литера. Скопје, 2012: 21; Kirchoff, A. *Länderkunde von Evropa*. Wien/Prag/Lepzig, 1893: 144.

Грчките, српските, бугарските, македонските и албанските имигранти и, пред сè, интелектуалците кои студирале на тие простори, биле и првите иницијатори за народносното будење.

Кон крајот на XVIII век и почетокот на XIX век за Балканот за тогашна Европа претставувал регион со голем број непознаници во однос на етничкиот состав на неговото население. Недостатокот на пишани извори за ова прашање е карактеристичен за целиот Балкан кој бил под османлиско владеење. Тоа е особено изразено поради недостатокот на официјални пописи во Османлиската Империја сè до 1823 година, кога е направен и првиот официјален попис на населението. И тој попис не помогнал во откривање на вистинските бројки на населението бидејќи било попишано само машкото население, додека уште долго време во османлиските статистики нема да постои графа за национална припадност, па така, сè до 70-тите години од XX век на Балканот ќе се води официјална статистика само за припадниците на верските заедници. Така, православното население и понатаму во нуфуз-тефтерите ќе се води како „урум милет“, т.е сето православно население ќе се идентификува како „Грци“ или сите православни биле нарекувани како „Грци“.[556]

За населението и народностите на Балканот под Османлиската Империја немале јасна претстава ниту европските научници кои пишувале за овие простори во коишто се гледа не само непознавање на материјата туку нивните дела обилуваат и со големи географски, топонимиски, историски и етнографски грешки. Според некои истражувања, „во втората половина на XVIII, првите децении па и средината на XIX век, сознанијата за етничка припадност на православното балканско население биле мошне нејасни.

Првата половина на XIX век се карактеризира со еден нов наплив интерес на Западна Европа за Ориентот, а во тие рамки и за Османлиската Империја воопшто. Патописците од овој период со своите објавени книги претставувале атрактивна литература за многу непознаници од Истокот, вклучувајќи го тука и делот на Балканскиот Полуостров под власта на Османлиите. Во тој контекст, приличен број патописи се објавени за Македонија. Истражувачите и патописците авантуристи од Западна Европа од првата половина на XIX век даваат многу различни податоци за населението во Македонија, но и во другите земји на Балканот. За најголемиот број

[556] Во рамките на Османлиската Империја постоеле неколку милети: муслимански милет, православен милет, католички-франкиски милет, ерменско-грегоријнски (првославен) милет, ерменско-католички милет, еврејски милет.

патописци македонското православно население е опишувано како Грци и Бугари, а помалку како Словени и Македонци, а влашкото и православното албанско население како Грци. Меѓутоа. Треба да се има предвид дека најчесто тие патописци или истражувачи не ги познавале ниту локалните јазици и дијалекти ниту нивната историја, а поголемиот дел од тие европски патници не биле ниту лингвисти ниту историчари. Речиси сите несловенски патописци не само што не ги знаеле словенските јазици туку меѓу нив имало и такви „експерти“ кои давале свои „стручни мислења“ за македонските Словени според она што го пишувале други „стручњаци“, како што биле германскиот ботаничар Гризебах[557] и францускиот геолог Ами Буе.[558]

Ами Буе за православните жителите на Тетово пишува дека се Бугари и Грци, а всушност се Македонци (македонски Словени) и Власи. Ако неговото непознавање на јазиците го навело да мисли дека словенското население во Тетово заради блискоста на народниот јазик сметал дека се Бугари, тогаш, разбирливо е што неговото непознавање е уште поголемо, штом Власите ги нарекол Грци, кога се знае точно дека во Тетово никогаш не живееле Грци.

Нестручноста и слабостите во филолошките и историските познавања на овие и повеќе други европски патописци ја докажувал нивниот современик, германскиот историчар Јакоб Филип Фалмаер[559] (1790 - 1861). Тој за неговите претходници (патописци) кои ја посетиле Македонија и кои не успеале да откријат дека топонимијата на голем број населени места е „словенска“ и дека нема во нив „ниеден хеленски глас“, пишува: „Против овој аргумент не може да се наведе ништо и човек би требало, во основа, да жали што господата Казинери, Лик и Гризебах, нурнати во ботаничките, геолошките и политичко-географските истражувања, не можеле да увидат работи од овој вид.“[560] Тој го застапувал своето мислење дека миграцијата на Словените во Грција била толку масовна, што и Грците од неговото време (првата половина на XIX век) се од словенско потекло. Кога ја посетил Македонија во 1841 година во една прилика жителите од околината на Солун ги нарекува „словенски зборувачките Македонци.“[561] По посетата на Хиландар, меѓу свештениците

[557] Гризебах Август (1814 - 1879), германски ботаничар, професор на Универзитетот во Гетинген.

[558] Ами Буе - геолог од француско потекло, роден во Хамбург, кој се обидел, покрај географско-геолошките заклучоци, за Балканот да објави етнографски особености кои подоцна ги користеле и други писатели.

[559] Матковски, А. *Македонија во делата странските патописци, 1827 - 1849*. Мисла. 1992: 503 - 521.

[560] Истото.

[561] Истото, 506.

имал средби со Грци, Бугари, Срби, а некои ги нарекува и „хиландарски Словени.“[562] Германскиот историчар во неговиот патопис, опишувајќи ги рударските места источно од Халкидик, може да видиме дека знаел за македонското словенско племе Ринхини кои тој ги нарекува Рунхи - Словени, според кои таа област на „планини со рудниците за злато и сребро, се целосно словенизирани.“[563]

Еден од најсодржајните извештаи од првата половина на XIX век, кој се однесува на гледиштата од Западна Европа за етнокултурната средина на Балканот и Македонија, е поврзана со патувањето на францускиот писател Сипријен Робер во Европска Турција во 1842 и 1843 година. Од тоа патување произлегле објавените статии во *Revue des dux Mondes*[564] во кои жителите на Македонија ги нарекува Грко-Словени, најверојатно сметајќи на паравославни Словени, со оглед на официјалниот термин за православната вера како грчка вера. Патувајќи до најизолираните села во Македонија, Робер забележува за „грчко-словенскиот свет“ дека токму во таквите места се разоткрива вистинската душа, преку секојдневните обичаи на селата. Во таквите изолирани средини: „Грко-Словенот не знаел за татковината или држава, туку само за семејството, племето, родниот крај. И ако каков било облик на колективна идентификација може да се сретне кај словенската компонента на тоа население, таа имала религиозна, метанационална содржина.“[565]

Во 1850 година прославениот искусен англиски патописец Едмунд Спенсер, автор на преку 50 патописни дела од целиот свет, престојувал неколку месеци на Балканот под власта на Османлиите и по тој повод ја објавил книгата *Патувањата во Европска Турција* (1850). При патувањето Спенсер наведува дека ги прошетал Босна, Србија, Бугарија, Тракија, Албанија, **Македонија** и Епир, дополнето со патувањата низ Грција и јонските острови. Во книгата најмалку на 70 страници ја споменува Македонија и некои македонските градови, но ги препознава Македонците како посебен балкански народ. За оваа книга пишува и угледниот американски весник *У.С.*

[562] Истото, 507-509.

[563] Истото, 512.

[564] Посебно: Le monde gréco-slave, État actuel, moeur publiques et privées de la péninsule, Revue des Deux Mondes, 1 février 1842; Les Bulgares, ibid. 1 juin 1842; Union bulgaro-serbe, Affaires de Serbie, ibid. 14 jullet 1843; Дого, М. „Претставите за Македонија на Запад во XIX и XX век“. *Гласник*, 1. ИНИ, Скопје, 1987, 103.

[565] Дого, М. *Претставите*..., 103.

Магазин, кој исто така ги споменува Македонија и Македонците.[566] Во воведот на оваа книга од 1851 год., меѓу другото, стои: „Различните националисти од округ сличен на вавилонска земја, Европска Турција, населена со Склавонци, Грци, Албанци, Македонци, Роми и Османлии - нивните различни карактеристики, религии, суеверија, заедно со нивните посебни обичаи, манири, античка и современа историја се живописно опишани...“[567]

Познатиот германски албанолог и познавач на Европска Турција, Јохан вон Хан, во 1854 год. сметал дека: „Современите Македонци се антички староседелци на Балканот. Таму тие постоеле како посебна словенска група како резултат на изолација од другите словенски групи, а подолг историски период ги спасиле најархаичните форми на античкиот словенски јазик што го користеле Пелазгите, Венетите, Готите, Сарматите, Тракијците, Трибалите...“[568]

ОБИДИ НА РУСКАТА ПОЛИТИКА ЗА ЕТНИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ВОСПИТАНИЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА

Руското Царство, поаѓајќи од сопствените интереси на Балканот, преземало низа чекори за нејзино продирање во таа насока, не само со проширување на сопствената територија туку повеќе со поттикнување на реализацијата на посебни проекти за создавање православни држави. Првиот сериозен обид за создавање балканска православна држава во овој регион бил т.н. „грчки проект“ за време на царицата Екатерина Велика.[569] Во XIX век Русија се посветила на проектот за Голема Србија, за време на владеењето на Александар II, и на крајот за создавање голема бугарска држава и проектот наречен „Санстефанска Бугарија“. Во сите три руски проекти територијата на Македонија или нејзини делови биле вклучувани во овие балкански големодржавни проекти[570] во зависност на моменталните услови на теренот и

[566] www.kanal5.com.mk, Убавата Захариева „жали“ за ветото, што ли ќе каже кога ќе ја види книгава од 1851 год., 3 февруари 2021 год.

[567] Spencer, E. *Travels in European Turkey*, in 1850, *Through, Bosnia, Servia, Bulgaria, Macedonia, Thrace, Albania, en Epirus, with a visit to Greece and Ionian isles*. London, 1851: 14.

[568] Georg von Hann, J. *Albanesishe Studien*, 1854; facebook.com. Macedonia: a true endless story.

[569] Јовановски, Д. *Грчка балканска политика и Македонија (1830 - 1881)*. Скопје, 2005: 1-2.

[570] Поповски, В. „Влияние великих держав на судьбы Албании и Македонии (1912 - 1913)“. *Гласник*, 1-2. ИНИ. Скопје, 2018: 99-107; Козъменко, И. В. Сборник договоров России с другими государствами, 1856 - 1917, Век Екатеринъ II. Росия и Балканъı, М. 1998; Истото, История XIX века под редакцией Лависса и Рамбо, М. 1939 Т. 3; Записки графа Н. Игнатьева, Исторический вестник, январь CXXXV - CXXXVI; Истото, М.1952, док. бр. 25, 159 - 175; Vladimir. D. *Interesne sfere*. Beograd, 1980.

меѓународните констелации меѓу европските сили и моменталните гледишта на Русија кон одредените состојби на Балканот.

Дури по Руско-турската војна и Одринскиот мировен договор од 1829 година Русија го презела водството во балканските работи. „Таа ја зацврстила својата позиција во Молдавија, Влашка и Србија, а значително го вратила својот углед и во Грција.“[571] Тогаш Бугарија не добила ништо, но за првпат извесно време руската војска била стационирана на нејзина територија, а по повлекувањето оттаму Русија со нејзиното ново територијално проширување допрело до делтата на реката Дунав.[572] И токму во годината кога е потпишан Одринскиот мировен договор од 1829 година се појавува една историска книга во Русија, која не само што се надоврзува на следното проширување на руското влијание во Бугарија туку и битно ќе влијае врз будењето на новата генерација бугарски преродбеници.

Случајно или не, во истата 1829 година, според званичната бугарска историографија, „голема улога во културно-просветниот развиток на Бугарите“ имаат делата на украинскиот Рус Јурий Иванович Венелин (1802 - 1839), кој го напишал книжевното дело *Древните и сегашни Бугари*, коешто „исклучително силно влијаело на бугарските просветни работници и го поттикнувал нивниот интерес за бугарското минато“. Но она што е клучно во однос на Македонија и Македонците е што Венелин во неговата средновековна историја на Бугарите го вклучил и народот од Македонија,[573] иако тој лично никогаш пред тоа не ја посетил Македонија.[574] Оваа клучна книга авторитетно делувала не само на Бугарите туку и на Македонците коишто биле стипендирани од благотворителни друштва во Русија каде што и се школувале.

Така, книгата на Венелин имала силно влијание на бугарскиот трговец, подоцна голем бугарски преродбеник Васил Евстатиев Априлов (1789 - 1847), кој исто така работел во Русија, а по враќањето во Бугарија ја отворил првата бугарска гимназија.[575] Априлов и речиси сите бугарски преродбеници од тој

---

[571] Поповски, В. *Руската и советската надворешна политика и македонското прашање (од крајот на XVIII век до четвртатата деценија на XX век)*. Макавеј. Скопје, 2013: 19.

[572] Истото, 20.

[573] Ристовски, Б. *Македонски работи*. МАНУ. Скопје, 2013: 20.

[574] Пипинъ, А. *Вестникъ Европья, О славяъ делахъ*, кн. 6, 6/1893, С. Петербургъ, 712-759; Станоевски, Ц. *Како ја видоа*..., 39.

[575] Истото. 183-184.

период биле грчки воспитаници,[576] па историјата на Венелин и руското воспитување на младите Бугари драстично ја сменило и ја поттикнале нивната бугарска самосвест, која дотогаш била речиси непозната или позната само на еден мал слој луѓе. Впрочем, и во званичната историја на Бугарија пишува дека за време на османлиското владеење „сите христијански народи на Балканскиот Полуостров се сметале за Рум милет, односно за Грци, што значи дека Бугарите го изгубиле статусот на посебна етничка заедница.“[577] Во 1835 година многу бугарски младинци отпатувале во Русија за да го продолжат своето школување. Русија, покрај материјалната помош и опремување на бугарските училишта, обезбедувале за нив и потребен инвентар и наставни средства. Оваа, навистина огромна поддршка на Русија за бугарското преродбеништво се јавува паралелно со преродбенските процеси кај бугарската интелигенција, кои под влијанието на грчката хуманистичка просвета започнале со афирмирањето на сопствената култура преку изучувањето на сопствениот јазик како јазик на бугарската просвета.[578]

Во 1845 година во Македонија допатувал Виктор Иванович Григорович, „кој веќе ’авторитетно‘ му потврди на светот дека не само што во оваа турска провинција живеат православни Словени туку и дека тие се ’Бугари‘ и дека зборуваат на ’бугарски словенски јазик‘.“[579] Сепак, неговите теренски истражувања на „бугарскиот“ јазик го наведуваат да го подели на два главни дијалекти, односно меѓу првите слависти јасно го издвојува македонското од бугарското наречје. Дијалектот во Македонија го нарекол западен и на него ги придружил и покрај говорите во Македонија и оние од Ќустендил, Дупница, Пловдив и др.[580]

Како и руските писатели, првенствено Јурај Венелеин (1839)[581] и Виктор Григорович (1848),[582] така и некои српски политичари заради русофилството и словенофилството ги бранеле овие нивни ставови, односно ја уверувале Европа дека македонските Словени поради долговековното турско владеење и грчката духовна доминација „ја заборавиле својата

[576] Бойчева, В. *Българското* ... : 294.

[577] Попов, Д. - Божилов, И. *Историја*..., 191.

[578] Лазаров И. и др. *Кратка История на Българския народ*. Ровита, Велико Тъ.

[579] Ристовски, Б. *Македонски*..., 20. Трново, 2004: 151-154

[580] Ристовски, Б. *Сознајби*..., 121-122.

[581] Јелавич, Б. *Историја на Балканот*..., 81, 104-105.

[582] Истото, 81, 104.

'бугарска' народност."[583] Ваквата „заборавеност на македонските Словени" вешто ја искористиле бугарските патриоти, односно „Македонците да ги вратат назад во пазувите на бугарштината".[584] Виктор Григорович лично во Македонија ги уверувал Македонците дека се Бугари, меѓу нив и семејството на Миладиновци во Струга.[585] Книгата на Венелин, заедно со првата испечатена книга на Пајсиј Хилендарски во 1844 година *Царственик или Историја болгарскаја*, но и на бројни книги од разни бугарски преродбеници пристигнале во Македонија во не мал број, па во борбата против грцизмот некои Македонците со занес го прифаќале бугаризмот.[586]

Блаже Конески во 1959 година, во второто издание на неговата книга *Кон македонската преродба*, вели дека: „допирот со руски конзули кај извесни наши луѓе бил можеби прва подбуда да се ориентираат кон бугарштината" и укажува на статијата од Шопов во која тој пишувал дека во самите почетоци на бугарската преродба тогашниот руски конзул во Солун ги убедувал семејства Х. Лазаревци и Робевци во Битола да „не ја криеле народноста и да преминат во Бугари, затоа што како богати и влијателни луѓе, обичниот народ ги гледа и ги следи, потоа примерот со конзулот Рачански, патувајќи низ Македонија побарал во Солун „да испрати две Македончиња на учење во Москва", а изборот паднал на Георги Дингов, кој пред тоа учел во Атина. Меѓу познатите Македонци кои биле руски воспитаници биле и браќата Миладиновци, браќата Жинзифовци, Натанаил Кучевишки, браќата Петковић, браќата Зографски, Васил Дијамандиев, Леонида Вулгарис, Венјамин Мачуковски, Ѓорѓи Динката, Спиро Гулапчев, Трајко Китанчев, Димитар Благоев, Иван Снегаров, кои во Русија се развивале во кругот на бугарските студенти, како што биле Л. Каравелов, Н. Бончев, М. Дринов, потоа преродбеникот Раковски кој делувал меѓу Македонците во Одеса и др.[587] Сите тие, помаку или повеќе, во руските школи и друштва се воспитувале како бугарски Словени кои требало да се ослободуваат од грчкото духовно

[583] Истото, 81-82.

[584] Истото.

[585] Ристовски, Б. *Македонски*..., 20.

[586] Истото.

[587] Конески, Б. *Кон македонската преродба, македонските учебници во XIX век*, второ издание. ИНИ. Скопје, 1959: 12-13; Ристовски, Б. „Руската наука политика и публицистика за македонскиот етнокултурен развиток (1878 - 1914)". *Зборник - Македонија и уската политика на Балканот од Берлинскиот конгрес до Првата светска војна*. МАНУ - Руска академија на науките - Институт за славистика. Скопје, 2008: 14.

влијание. Во писмото од 22.8.1858 година на рускиот службеник Алексеј Н. Бехметов, пишувајќи за „обучувањето на млади Бугари на Московскиот универзитет“, информира дека грофот Уваров „изразил благородна желба да воспита на своја сметка десет млади Бугари на Московскиот императорски универзитет. Врз основа на тоа, од Македонија се повикани двајца родени во таа провинција: Константин Наков, родум од Кукуш, воспитаник на атинската гимназија и Ксенофонт од градот Костур, поранешен учител во Кукуш. Но бидејќи во Одеската семинарија беа повикани дваесет Бугари, од кои осум Македонци, така и гореспоменатите млади...“[588] Споменатиот студент Ксенофонт од Костур е всушност Рајко Жинзифов од Велес, кој дотогаш како грчки воспитаник се викал Ксенофонт. По неполни 5 месеци Рајко Жинзифов во неговото писмо (9.1.1895) од Одеса до бугарскиот преродбеник Г. С. Раковски, меѓу останатото, запишал: „Помните ли зошто, кога дојдов во Одеса, само што го чувте моето грчко име првиот ваш одговор беше: ’Да си го смениш името ако си Бугарин!‘ Навистина, господине мој, колку ми се чинеше неприлично моето име... што верувајте ми, мѝ беше срам да го кажам на други... Проклети!... Впрочем, го зедов името Ксенофон како што пред две години ме нарече добриот и великодушен и најголем родољубец во Македонија, Д. Хр. Миладинов. Тоа име ќе го носам до мојот последен здив...“[589]

Успехот на преобраќањето од „Грци“ во „Бугари“ на Македонците ученици од Петроград, Москва и Одеса се одвивало мошне успешно, дотолку повеќе што дел од нив понатаму таквиот дух ќе го пренесат и во татковината.[590]

Во времето на големото инструментализирање на балканските народи во правец на големоруските интереси и воената окупација на Романија кон крајот на 40-тите години,[591] руската стратегија на Балканот сè повеќе допирала и до Македонија. Благодарејќи на теренската работа на некои руски и бугарски интелектуалци, но и школувањето на некои Македонци во Русија,[592] одреден број македонски интелектуалци потпаднале под ова влијание, па името „Македонци“, кое, како што видовме значително се користело од

[588] Македония, *Сборник от документи и материали*. БАН - Институт за историја - Институт за български език. София, док. бр. 25, 157; ЦГАОР, ф. 1750, оп. 1, ед. Хр. 67, л. 71-72; АИИ, БАН, кол. IX, оп. 15, а.е. 67, л. 239-240.

[589] Македония, *Сборник от документи*..., 158.

[590] Македония, *Сборник от документи*..., 159-186

[591] Поповски, В. *Руската и советската*..., 22-24.

[592] Трайков, В. *Българите участници вборбите за освобождение на Грция*. София, 1971: 32-42.

Македонците во XVIII век, во нивните очи почнало да добива некакво значење на припадност кон грчката народносна сфера, а не македонско народносно значење и бегајќи од грчкото влијание и пропаганда, поддржувано од руските авторитети на теренот од Македонија, кое полека добивало на интензитет, се нашле во прегратките на бугарската пропаганда и влијание. На ваквите случувања во прилог им оделе и состојбите и гледиштата во Османлиската Империја.

За ова силно руско авторитетно влијание врз младите македонски интелектуалци се согласува и Блаже Ристовски кој го напишал следново: „Но за Димитрија Миладинов сепак решавачки пресврт прави посетата на Виктор Григорович во Македонија и неговиот поттик за свртување на интересот кон јазикот и фолклорот. А односот со Партенија Зографски е всушност и однос кон Русија и руската политика. Руските дипломати и словенофили Рачански и Јужаков, на пример, имаат судбоносна улога во животот и дејноста на браќата Миладиновци. Притоа, централно значење за пресвртот на Димитрија има не само неговиот престој во Мостар и Белград туку, пред сè, неговата посредна врска со Одеското бугарско настојателство, што стана јатката и главната сообраќајница за учениците и студентите од Македонија што по 1854 година масовно веќе беа испраќани на школување во Русија, а оттаму се враќаа како Бугари. Тоа настојателство ефикасно ја налагаше бугарската национална идеологија и ја постави основата на последниот Словенски комитет во Москва.“[593] До крајот на нивниот живот нивните активности ќе бидат финансирани од Русија, најчесто преку руските дипломатски лица на Балканот, работејќи и за руската доктрина за формирање бугарски институции наспроти грчките во Македонија.[594] Така, Миладиновци, иако пишуваа на најчист македонски стандард на своето време“, сепак „целото дело го маркираа речиси исклучиво со туѓо национално обележје.“[595] И покрај тоа што под влијание го прифатиле бугарското име на мајчиниот јазик, тие не сакале да го прифатат и вистинскиот бугарски јазик како литературен. Партенија Зографски, автор на три учебници,[596] објавил граматика заснована на

[593] Поповски, В. *Руската и советската*..., 22-23.

[594] Истото, 24, 30-38.

[595] Истото, 23.

[596] *Кратка священа исторія на Ветхо* и *Новозаветна-та Цьрковъ*, преведена отъ архимандрита Парѳенія Зографскій. Цариградъ-Галата, 1857: 108; *Начелное ученіе за дѣца-та*, напечатено отъ Архимандрита Парѳенія Зогафскаго. Цариградъ-Галата, 1858: 38; *Кртака славенска граматика*, съставена отъ архимандрита Парѳенія. Цариградъ, 1859: 184.

западномакедонскиот говор; Рајко Жинзифов објавувал песни на македонски народен говор, Григор Прличев објавувал на грчки и на македонски народен говор а Димитар Василев Македонски[597] и Кузман Шапкарев објавиле буквари или учебници на македонски народен говор за основните училишта[598] итн. Сите тие поради нивните заложби, новиот заеднички литературен јазик да се заснова на македонските говори (наречја), дошле во директен судир со бугарските преродбеници коишто биле побројни и повлијателни и коишто останале на ставот дека бугарскиот литературен јазик треба да се заснова на источнобугарските наречја. И она што е најважно, тогашната бугарска интелектуална елита, за разлика од некои претставници на денешната бугарска наука и политика, експлицитно ги обвинувале нивните современици од Македонија дека тие пропагирале дека се Македонци, а не Бугари и дека македонскиот јазик бил друго од бугарскиот јазик. Да се потсетиме што пишувало во 1870 година во бугарскиот весник *Право* за дејноста на Кузман Шапкарев: „Тој беден учител во Кукуш ја напушта службата кога ќе му текне и оди од град во град во крстоносен поход против книгите напишани на бугарски јазик... Во Охрид ... неговите први зборови биле полни со омраза кон сè што е бугарско. Тој рекол: 'Одвај се ослободивме од Грците, сега пак Шопје ли да станаме?' Од сето погоре изнесено може јасно да се разбере во каква пропаст сака да го турне народот тој таканаречен господин поради што некои веќе се дрзнаа да изјават дека: **Ние сме Македонци, а не Бугари**! И порано сме слушале од патниците за некои учители по Македонија и за г-н Шапкарев кој се труди да ги убеди нашите македонски браќа како **било друго Бугарин и бугарски јазик, а друго Македонец и македонски јазик**. Но не веруваме едно поради тоа што мислевме дека е тоа грчко лукаво средство за разделување на нашата народност..."[599]

Образованието на група македонски интелектуалци во руските училишта и работата на разни нејзини емисари на теренот од Македонија и Балканот во 50-тите и 60-тите години на XIX век го забавиле преродбенскиот

[597] *Кратка священна исторія за ушилища-та по Македонія* (на македонскот нарѣчіе) отъ Д. В. Македонскъый, Цариградъ, 1867.

[598] Българскій букваръ, Чястъ А или взаемноучителни таблици на наречие по-вразнително на Македонскытѣ Българы, наредилъ Единъ Македонецъ, Сѣ издаватъ отъ Андрея Анастасова Рѣсенеца, Цариградъ, 1866; Голѣма Българска читанка или втора-та чяст на българскиыйтъ букваръ на нарѣчіе по-вразумително за Македонскытѣ Българы, наредилъ Единъ Македонецъ, Сѣ издаватъ отъ Андрея Анастасова Рѣсенеца, Цариградъ, 1868 и др.

[599] *Право*, бр. 30, Цареградъ, 30 ноем. 1870.

процес во Македонија во полза на Бугарија, а со тоа се потиснувала и афирмацијата на идентитетското име. Сепак, и покрај тоа влијание, борбата за зачувувањето на народниот јазик до степен на посебен литературен јазик и борбата за македонското идентитетско име ја пребродиле таа сериозна пречка.

По Кримската војна, која Русија ја изгубила од Турција со помош на големите европски сили, и Парискиот мировен договор во 1856 година, Русија морала привремено да ја запре својата територијална експанзија во која западните држави гледале голема опасност за натамошно продирање на Русија во Европа, и тоа преку Балканот. Згора на тоа, руските власти станале свесни за новата стратегија на Австро-Унгарија, за нејзино проширување кон југ на Балканот. Иако Русија до 1869 година предвидувала разрешување на отворените прашања на баланските народи, меѓу кои и на македонското со планирање за создавање самостојно македонско кнежевство,[600] реалната опасност за руските интереси преку австро-унгарскиот план на Балканот ја принудило Русија кон менување на планот. Парискиот мировен договор едвај се одржувал до 1870 година, кога со т.н Горчакови циркулари Русија прогласила дека не се смета обврзана да го почитува Парискиот мировен договор, а таа нова политичка ситуација била верифицирана на Лондонската конференција во 1871 год.[601]

Меѓу останатото, Русија започнала интензивно да ја развива идејата за создавање на една бугарска држава како сателит на Русија, која територијално би излегувала на Црното и Егејското Море, како единствена алтернатива за изгубените мореузи со претходната војна кои биле контролирани од Османлиското Царство со помош на најголемата поморска сила во светот, Велика Британија. Затоа, Русија се стремела да го задржи сојузништвото со Австро-Унгарија по секоја цена и воедно да ги задоволи и нејзините интереси на јужниот Балкан.[602] Создавањето Голема Бугарија, поттикнато од надворешната политика на Русија, директно ја загрозувало еманципацијата на Македонците како посебен народ со посебно идентитетско име.

[600] Миноски, М. „Ставот на Русија кон македонското прашање на Цариградската конференција 1876 година“. *Зборник - Македонско-руски врски*. Скопје, 1996: 97-98.

[601] Поповски, В. *Руската и советската*..., 26.

[602] Миноски, М. *Ставот на Русија*..., цит. дело.

VI ДЕЛ

ЕТНОИСТОРИСКО САМОСОЗНАНИЕ И ИДЕНТИТЕТСКОТО ИМЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ

ПРОТОПРЕРОДБЕНСКИ ОДБЛЕСОЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

Протопрероdбенскиот период кој најпрвин се појавува меѓу македонските иселеници во Европа во XVIII век, евидентно, не можел да има исто значење и ефект како што тоа силно се одразило кај многу поброjните српски иселеници во Хабзбуршката Монархија, кои географски биле непосредно покрај своите сонародници преку реките Дунав и Сава, како што важело тоа и за Бугарите, чии иселеници, пред сè, во Русија, одиграле значајна прероdбенска ролја во 30-тите години на XX век. Македонија, која географски се наоѓа во внатрешноста на Балканот и во центарот на Румелија, немала никаков физички контакт со некоја слободна балканска или европска држава, па сите прероdбенски ветришта од Европа во Македонија пристигнувале посредно како одблесоци од далечна светлина.

Дека протопрероdбенските влијанија кај Македонците во Европа се пренесувале и на теренот од Македонија постојат низа показатели.

Патувањето на македонските трговци во XIX век по европските трговски и саемски центри, патувањата на македонските свештени лица кои собирале милостина во тие држави, одржувањето роднински врски на македонските печалбари во Војводина, но и појавата на голем број македонски печалбари во Српското Кнежевство уште во 30-тите години на XIX век и други контакти, претставувале пренесувачи на македонските протопрероdбенски појави од Европа на почвата на Македонија. Прероdбата се одвивала по значително потежок пат, па првите печатени книги на народен јазик од Хабзбуршката Монархија, поточно, во Будим, на Јоаким Крчоски и Кирил Пејчиновиќ, претставувале некаков вид зраци на просветлување во Македонија. А во таа напредна монархија приврзаниците на илирската идеја биле мошне активни и во првата половина на XIX век. Тоа четиривековно илирско движење во однос на Македонија остава препознатлив печат на словенска земја. Илиризмот кој се појавил во XV век добил силен замав и прераснал во потенцијална опасност за Хабзбуршката Монархија во XIX век, што резултирало дури и со декрет за забрана на ова движење на 11.1.1843 година, така што „во училиштата, во печатот, на јавни места биле забраниети зборовите: Илир, Илирство, Илирија и сл.“[603] Илирското движење и покрај забраната продолжило да живее со намалено темпо, со оглед на формирањето на новите држави на Балканот кои во концепциите и стратегиите сè повеќе се вртеле кон еднонационалните големодржавни проекти. Во поглед на реафирмирњето на македонското име во Македонија и

[603] Матковски, А. *Грбовите ...* : 60.

особено надвор од неа, илирското движење одиграло непроценливо позитивна улога. Македонците на тие простори по Австро-турската војна и Карпошовото востание гордо го носеле своето македонско потекло, истакнувајќи го во секоја можна прилика, нагласувајќи ја притоа македонската територијална припадност и самосвест, трудејќи се да ја негуваат љубовта кон татковината.

Доказ за некаква македонска територијална припадност наоѓаме во многу примери од православните имигранти во Хабзбуршката Монарија, каде што во почетокот граделе заеднички православни, неетнички народни цркви, во кои најчесто богослужбата се одвивала на словенски (за луѓето од македонско, српско, бугарско... и грчки јазик за грчкото, влашкото и албанското население), но паралелно во документите се среќаваат и идентитетски ознаки, каде што јасно се разграничуваат различните народи кои живееле на Балканот, а понекогаш се означени како припадници на население кое живеело во истоимените земји во рамките на османлиската држава. Без разлика на тоа во која конотација се споменуваат Македонците во следните прикажани документи, тие придонесуваат да се сфати дека името „Македонци“ се користело во континуитет и во вековите кога религиозната идентификација била единствено призната категорија во Османлиската Империја.

Територијалното самосознание на Македонците било лесно препознатливо и за европјаните. И во првата половина на XIX век на испечатените географски карти во Европа се среќава традиционалната територија на Македонија: Arrowsmith Aeron, A map of Turkey in Europe, Drawn from a great number of accurabe astronomical and geographical manuscripts and printet documents, London, 1801, (BM – MR 43. 315. 7); Robert de Vaugandy, Partie del Empire Turc en Europe savoir la Bulgarie, Rumelie, Valaque, Moldavie, korigée par le Cit. le Marche, Venise, 1802, (DAZ D V 7 – 3); Mannert Conrad, Charte von der europäischen Turkei, Kleinasien einem Theile Syriens and andern angänzenden Landern, Nürnberg, 1804, (KAV B III a 44); Chanlaire, Pierre Grégoire, Carte de la Turquie d’Europe, Paris, 1805 (?); (BM – MR 8 d. 18); Lapie Pierre, Turquie d’ Europe, Paris, 1810, (AM), (Ka III 380/9); Cary John, A New map of Turkey in Europe: divided into its provinces from the best authorites, London, 1811, (НУБ б.с.); Mallo Tranguillo, Kriegsthlater zwischen Rusland und Grantreich, Wien, 1812, (SBZ II BLK – B – 13); Reinecke Johan Mathias Cristoph, Charte von Türkischen Reiche in Europa, nach den neusten astronomi ichen Orisbestimungen entworten und gereichnet, Geogr. Institut, 1812, (НБС Кр II 457); Vaudncart Chevalieer, Cart Militare de la Turquie d’Europe, 1812, (KAV K Ia 17); Conrad Aleksander, Carte de

la Turquie d'Europe nouvelemont dressée et desinée daprés Palma Riedl et general dela Guerre en Italie, Vienne, 1816, (KAV B IIIa 50); Delamarche, F., Turquie d'Europe, Paris, 1821, (НУБ КО б.с.); Tobia conrad Lotter, Graecia Nova et Nare Aegeum Archipelagus, in qua Mappa Macedonia, Albania etc.Augsburg, 1830; и тн. G. de Rossi, La Bulgaria e la Romania con Parte di Masedonia, Roma 1889.

Продирањето на европските влијанија меѓу Македонците во рамките на Османлиската Империја, покрај во печатените книги и македонските географски карти, продолжува да се одразува и во хералдиката. Така, македонскиот грб се нашол и на едно востаничко знаме на македонските доброволци учесници во Првото српско востание во 1804 година со мотиви од книгата на дојранчанецот Христифор Жефаровиќ.[604]

Македонските земски грбови повторно ги среќаваме во нови изданија, и тоа: во оставнината на Људевит Гај од 1842 год.; македонскиот грб во црквата на Рилскиот манастир од 1844 год.; преписи од Пајсиевата историја од средината на XIX век; хералдичката таблица на Милан А. Симиќ од околу 1851 год. Во сите овие книги, односно грбовници, не само што „беше посведочена самобитноста и рамноправноста туку и различноста на македонскиот од другите јужнословенски народи".[605]

МИТОВИТЕ И КОЛЕКТИВНАТА МЕМОРИЈА ВО СОЗДАВАЊЕТО НА ЕТНОИСТОРИСКОТО САМОСОЗНАНИЕ И ИМЕНСКАТА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО XIX ВЕК

Во еден список на нарачатели на книги, меѓу останатите книги се нарачувале и две книги од различни автори, кои пишувале за историјата на Александар Македонски. Од нив биле нарачани 19 примероци од 16 луѓе од различни делови на Македонија.[606] На друг список меѓу претплатниците на книгата *Историја на великиот Александар Македонец* од Христо Протоповиќ, издадена во Белград во 1844 година, на списокот за претплатници 21 од нив биле од Македонија.[607] И овој факт укажува на тоа дека писмените Македонци во XIX век имале солидни сознанија за македонската античка историја, а книгите се читале низ цела Македонија. Но претходно, првиот руски истражувач Григорович кој ја посетил Македонија во 1841 година, забележал дека населението во Македонија од историските личности најмногу ги опејува

[604] Матковски, А. *Грбовите ...* , 1990.

[605] Истото, 137.

[606] *Вардарски зборник*, 4. САНУ Београд,, 2005: 167-185.

[607] Ташковски, Д. *Раѓање на македонската нација*, 177.

Александар Македонски и Крале Марко. Според него, ликовите на Филип II и Александар III биле врежани во македонската народна меморија. Првото објавено предание во зборникот на Миладиновци е она за Александар Македонски.[608] Рускиот историчар Јурij Венелин во првата половина на XIX век напишал дека: „Баронот Тот, кој ги раководеше работите на источната страна на Дарданелите, една недела слушал во крчмата како некои работници Македонци што работеле на истото градилиште пеат песна за Александар Македонецот.“[609] Дури и еден Македонец направил превод на книгата за Александар. Во 1845 год. Атанас Македонец во неговата книга *Претскажувањата на Голем Александар*, печатена во Венеција, пишува: „И шчом ова ракописмо јет пресказање на Голем Александр и чинит мноугу голем збор за негојата многу милослива патрида[610] Македониа, јас слугата на Христа од истата земја со тој големиот човек, сторив ниет, со помож на сфети Дух, да го прам терџуме[611] и на јазиците што се зборуваат на мојата патрида.“[612]

Едно од поконкретните сведоштва за македонската колективна меморија се спомените на Исаија Мажовски, кој во нив ги запишал и двете „старовременски песни“ за првиот македонски цар Каран и царицата Солуна, а истите ги слушал, како што запишал, „уште пред 60 години“ и „ги пееше со својот звучен и внушителен глас по свадби и по селски ора дедо Иван Карасановски, 70-годишен богат со овци и коњи старец од родно ми село Лазарополе, Дебарско.“ Истите песни ги слушал и во 1867 година „кај своите вујчовци Хаџи Секови, во Сосалија (Ениџевардарско), каде што бил нивниот имот.“ Еднаш таму присуствувал некој Евреин и кога ги слушнал песните се зачудил и ги прашал како се зачувале, а вујковците на Мажовски му објасниле дека „тие песни се останати од старо време и се предавале од татко на син, тие биле песни на нашите татковци и дедовци, та и ние сме ги научиле од нив и ги пееме.“[613]

Според тоа, ликот на Алексндар Македонски меѓу Македонците не бил нов кога започнале да се множат читателите од Македонија на овие историски книги и романи за Алексндар и Филип и античките Македонци. Македонците

---

608 Димитрија и Константин Миладиновци. *Зборник на народни песни*, 502.

609 Органџиева, Ц. *Објављивање и проучавање јуначких песама код Јужних Словена и Руса до 1920 године*, 122 рукопис - докторска дисертација; Ташковски, Д. *Раѓањето*..., 175.

610 Патрита - татковина.

611 Терџуме - превод.

612 *Атанас Македонец: Претскажувањата на Голем Александар*, подготовка, предговор и транскрипција Вера Стојчевска-Антиќ. Зумпрес. Скопје, 1996: 33.

613 Конески, Б. *Македонскиот XIX век, јазични и книжевно-историски прилози*. Култура. Скопје, 1986: 236-237.

од првата половина на XIX век само ги препознавале ликовите и името на истоимениот народ и земја во овие книги за кои слушале од песните и расказите на нивните предци, па оттаму произлегувал големиот интерес за нивно читање. Не случајно македонските преродбеници и револуционери низ целиот XIX век, во најголем број примери, поимите „Македонец“, „Словен“ и „македонски Словен“ ги изедначуваат, па така, според нив, Словените од Македонија се исти со Македонците од античкиот период или обратно; сметале дека македонските цареви Филип и Александар биле Словени. Ако внимателно ги читаме записите на Македонците коишто, немајќи своја држава и институции, нивните ставови ни ги оставале честопати на маргините од некои стари црковни книги, а од средината на XIX век и јавно во весниците и јавните настапи, ќе забележиме дека колку се горди на Александар и Филип толку повеќе се горди и на македонските словенски просветители Кирил и Методиј. Овој наплив од романтичарски занес бил сосема нормална појава во процесот на будење на европските и балканските народи во XVIII и XIX век. Нивните интелектуални елити имале потреба од историско, географско, културно и јазично врамување на нивните модерни нации. Кога станува збор за историската подлошка, како по непишано правило секогаш тие се повикувале на најславните моменти од античката или од средновековната историја на тие земји или народи. Македонските преродбеници сосема нормално се повикале на историјата од најславните Македонци - „Словени“, Филип и Александар до размери на голем романтичарски занес. Така, во весникот на Коста Шахов *Македонија* непознатиот автор на текстот со иницијали Г. К. пишува: „Ние сме го имале цар Александар Македонски. Александар Македонски стои пред лицето на денешниот Македонец како национална гордост. Таа национална гордост има за него интелектуално значење во однос на постигнувањето на идејата за самостојност.“[615] Овие, но и мноштво други примери укажуваат на тоа дека писмените Македонци од втората половина на XIX век, генерално, за себе и за својот народ сметале дека се Словени, но дека нивното народносно име е „Македонци“.

Ѓорѓија Пулевски е еден од најплодните македонски пистели кај кого античката традиција и ликовите на Филип и Александар биле особено истакнувани, не само во неговите историски записи туку и во неговата поезија. Своето место историските ликови од Македонија го нашле и во документите на Македонското востание од 1878 година.

[615] Тодоровски, Г. „Весникот *Македонија* на Коста Шахов“. *Разгледи*, VII, 19. Скопје, 1965: 1003-1004.

Тоа се случувало и со следните генерации млади писмени Македонци кои кога ја проучувале историјата на сопствениот народ илјада години наназад, па неминовно доаѓале до Климент и Наум и Кирил и Методиј, а потоа се упатувале подлабоко во „утробата“ на Македонија и нејзината историја уште илјада и повеќе години наназад, каде што ги откривале Александар и Филип, со што историски цврсто се идентификувале со припадноста на нивната татковина. Од друга страна, младите Бугари, истражувајќи ја својата историја во претходните илјада години, како и Македонците, неминовно доаѓале до Кирил и Методиј, но во следните илјада години наназад во историјата младите бугарски истражувачи ја откриваат славната историја на древните Прабугари и се упатуваат историски некаде во азиските предели и пределите околу реката Волга и подалеку од неа. Во тој правец ниту еден од македонските преродбеници не ги гледал своите корени, природно, инстиктивно, но и научно во бугарското минато. Тоа важело и за следните генерации Македонци: генерацијата на Ѓорѓи Пулевски од 70-тите години, генерацијата на Коста Шахов во 80-тите години и на лозарите на чело со Петар Поп Арсов во 90-тите години на XIX век, како и на генерацијата на Македонското научно литературно друштво на Димитрија Чуповски и Крсте Мисирков во првите две децении на XX век. Покрај преродбениците, истото мислење го имале и генерациите македонски револуционери од Кресна до Илинден.[616]

Откако започнале востанијата во 70-тите години на XIX век, се појавуваат и народните револуционерни песни за македонските ајдуци, војводи и комити во коишто во огромен број од нив се спомнува нивната борба за слобода на Македонија.[617] „Македонскиот народен пејач нагласено се труди да го истакне во секој случај токму македонското национално име и јасната цел на борбата - македонската слобода.“[618]

ЕТНОИСТОРИСКОТО (НАРОДНОСНО) САМОСОЗНАНИЕ И БОРБА ЗА ИДЕНТИТЕТСКОТО ИМЕ

Во првата половина на XIX век, сè уште во Османлиската империја званично не се признавала етничката припадност туку во званичните документи постои само религиска припадност на нејзините поданици. Па

[616] Бошкоски, М. „Македонската античка и средновековна традиција, одразена во идеите и симболите од илинденскиот период“. *Гласник*, 1-2. ИНИ. Скопје, 2003: 89-110.

[617] Ристовски, Б. *Сознајби*..., 369-374.

[618] Истото.

затоа, користиме компаративни методи за да откриеме некои показатели за постоење на именска и етничка самосвест кај дел од македонското население. За нас мошне значајни се записите кои се создавале во соседните држави, а кои го откриваат чувството за припадност. Индикативен е веќе споменатиот список на претплатници на книги од српски изданија од средината на XIX век, во кој се наведени 115 различни наслови кои ги нарачувале Македонци кои живееле, привремено работеле или учеле во Србија и чиешто постојано живеалиште имале во Македонија под османлиска власт.[619] На списокот луѓето од Македонија сами се изјаснувале од каде се и што сè. Најголемиот дел од нив, покрај местото на раѓање, преку 90 пати додаваат дека се од Македонија, тројца дека се од Стара Србија и само неколку од нив напишале дека се од Турција.

Нарачателите на книги од Македонија во периодот од 50-тите до 70-тите години на XIX век, коишто, оставајќи податоци за себе, за родното место и занимањето, до нивното име и презиме го додаваат и атрибутот „Македонец“. Има и такви кои го запишале само родното место, на пример: Андреја, родум од Клисура; Димитрија Стојановиќ, шеќерџија од Струмица..., кои ја нарачале книгата: ***Историја Александра Великог цара Македонског*** (препечатао по други пут на српски језик Ђорђе Ћирић Пироћанац. Београд, 1851) и само еден за себе запишал дека е Бугарин од Велес и неколку дека се Срби. Сепак, најголем број од нив се прикажале како Македонци. Такви примери се: Георгије Јован Закарија, **Македонец**...; Мија Адамовиќ, **Македонец**, трговац...; Мија Араповиќ **Македонац**...; Димитрије Георгијевиќ, **родум од Македонија**...; Георгије Поповиќ, терзија, родум **Македонец**; Димитрије Георгијевиќ, трговец, родум **Македонец**...; Јован Константиновиќ, трговец, родум **Мацедоњанин**...; Теодор Кујунџија **Македонац**...; повторно нарачатели на книгата за Александар Македонски (Квинт Куртије Руф, ***Живот Александра Великог цара македонског***. Први део. С латинског превео Стеван Павловић, Беч, 1857.), и тоа „собирачи на претплати, двајца побратими **Македончеви**, Стојко Аќимовиќ (од с. Похошево, Скопско - заб. Б.С.П) и Константин Зубан, ученици на прва година на гимназијата во Белград; Димитрије Крстиќ, родум од Скопје (на сите три дела); Бошко Трајковиќ, родум од Велес; Јов. П. Ѓорѓевиќ П. **Македонец**“...; Георгијевиќ (Ѓорѓевиќ), од Круш(ево), кујунџија (**Македонец**)...; Јосиф А. Ковачевиќ, **Македонец**...; Теохар Ѓорѓевиќ, кујунџија, **Македонец**...; Шописта (Сопишта - м. Заб. - Б.С.П.) во **Македонија**; Крста Ѓорѓевиќ, родум од Прилеп; Ѓорѓе Беговиќ, чизмарски

[619] *Вардарски зборник*, ... : 167-185.

мајстор, родум од дамнина од гратчето Клисура во **Македонија**; Јован Танасковиќ, кафеџија од Турција, од Охрид, село Боревец; Теохар Ѓорѓевиќ, кујунџија, **Маќедонец** од Крушево; Никола Илијев, **Маќедонац**...; Никола Х. Пановиќ **Маќедонац**...; Танасије Антоновиќ **Македонац**..."[620] Овие примери јасно укажуваат на фактот дека и покрај неупотрбливоста на атрибутот Македонец и непостоењето на каква било административна единица со името Македонија, во рамките на Османлиското Царство во периодот пред настапот на агресивните странски пропаганди за преименување на тие етноними и топоними, Македонците точно знаеле од каде потекнуваат, кои се, и тоа писмено го нагласувале, иако немало никаква потреба од такво изразување за нарачатели на книги.

Во 1846 година Ѓорѓија Македонски од селото Радибуш, Кривопаланечко, запишал: *Славјанското писмо го изучив од татко ми Димитрија Маќедонски, кој така се вика зошто сме Маќедонци, а не Грци... И јас прекарот си го зедов Маќедонски, а не по татко ми и по дедо ми за да се знае оти сме Славјани од Македонија*...; во 1865 година свештеникот Димитрија од с. Огут, Кривопаланечко, запишал: *За моето назначување се заложи најмногу Михаил Македонски, зошто сум родум Маќедонец и службата ја терам по славјански... Ние сме си имале наши словенски учители Кирил и Методија кои ни го оставија нашето словенско писмо. Тие се родум Македонци од Солун, славната престолнина на Македонија*...; во 1867 година Тодор Кусев од Прилеп до весникот *Македонија* пишува: *Весникот кај Грците и Гркоманите е дочекан со тага и бес, зошто тие секојпат воделе борба за погрчување на Македонците, уништувајќи ја и Охридската архиепископија... Не само во Охрид, денеска се разбудуваат и ги бараат своите права и од цела Македонија*...; во 1860 год. еден охриѓанец за *Цариградски весник* напишал допис: *Ова е страна Македонија и ако пригледаме природа, нарави, обичаи, карактер на жители, нихен стан, нихна физиономија, из цело ште познаеме истите онија мужи кои во старо време составјали фаланги Александра Македонскаго*.

Оваа група Македонци како оружје во своите раце ги користи книгите и изданијата на македонски народен говор (наречје) од претходниците и современиците, особено оние на Партенија, делата на Кузман Шапкарев, Венјамин Мачуковски итн. Така „со учебниците на К. Шапкарев и другите македонски учебникари бил запознаен и Ѓ. Пулевски. По нивниот пример тој составил и свои учебници. Текстот од 'Пьрвоначалните познанія' на К.

[620] Истото.

Шапкарев, Пулевски наполно го искористил во својот 'Речник од три јазика', што се гледа при споредба на овие два учебника."[623]Ако за нивните претходници од XVIII век кои се претставувале дека се „Македонци" и се смета дека називот имал само територијална ознака, во првата половина на XIX век името „Македонец" добива, покрај територијалната, и историско-народносна ознака и потекло. Носителите на ваквото чувство и убедување ќе бидат основа на генерацијата која за време на Источната криза (1875 - 1878) ќе организира две македонски востанија (со центри во с. Разловци и с. Кресна) и ќе продолжи да работи на политички и национален план за целосно ослободување на македонскиот народ, негова културна и јазична слобода и борба за сопствена држава. Меѓу поистакнатите претставници на ова револуционерно-преродбенска генерација се Димитар П. Георгиев Беровски, Ѓорѓи Пулевски, Коста Групче, Наум Евро, Коста Шахов и др.

Оваа група македонски преродбеници и револуционери од 70-те год. на XIX век ќе биде основа на следните генерации кои во 90-тите години на XIX век ќе бидат претставени од повеќе интелектуални јадра, односно групи, и тоа најпрвин од Словеномакедонската дружина во 1888 год. на чело со Пулевски околу списанието *Лоза* во Софија, потоа групата околу списанието *Вардар* во Белград, а на почетокот од XX век македонската национална програма ќе ја доразвијат Македонскиот клуб преку *Балкански гласник* во Белград и особено преку Македонското научно-литературно другарство во С. Петербург.

Сето тоа на крајот од XIX и почетокот на XX век резултирало со чистата македонска теза за посебноста на македонскиот литературен јазик, најпрвин со дефинирањето на посебноста на македонскиот народ и објавувањето на првиот македонски речник од Ѓорѓија Пулевски во втората половина на 70-тите години од XIX век. Неговите различни и многузначни дела се насловени со македонското име: *Самовила Македонска*, *Македонска песнарка*, *Славјано-маќедонска општа историја*, итн. Наброените македонски интелектуални јадра ќе објавуваат свои официјални списанија кои ја пропагираа македонската посебност врз научна основа. Круната на јазичната и народносна посебност била промовирана во исклучителното дело на Крсте Петков Мисирков *За македонцките работи* во 1903 год., кое ниту било изолиран случај ниту, пак, не било без претходен континуиран развој на националната мисла.

---

[623] Кантарџиев, Р. „Македонското преродбенско училиште". *Студентски збор*. Скопје, 1985: 151; Коневски, Б. *Македонските учебници* ... : 94.

Според тоа, во XIX век македонското етноисториско (народносно) самосознание се „кристализира“ и зедничкото сознание на македонските и интелектуалци се обединува околу тоа дека тие се македонски Словени, потомци на Филип и Александар, Климент и Наум, дека зборуваат на словенски јазик, дека потекнуваат и се родени во земјата Македонија и дека себеси се нарекуваат Македонци.

ИЗВОРИ ОД 1800 - 1870 ГОДИНА


1805 год. Симбмен. За време на борбите на Хабзбуршката Монархија со Наполеоновата француска војска Симбмен се жалел на магистарските власти од Земун „дека во војничките листи ги внесуваат само најсиромашните, додека најбогатите ги затајуваат“, а потоа кажува дека меѓу „**земунските Македонци,** Бугари, Цинцари и португалски Евери[624] настанало значително дезертирање...“[625]



Географска карта на Турското Царство во Европа изработена на германски јазик во 1817 год. Во составот на ова царство се прикажани земјите кои се под неговата власт, меѓу кои, и Македонија.

[624] Станува збор за Евреите кои во XVI век се доселиле на Баланот од Португалија и Шпанија со дозвола на османлиските власти. Дел од нив мигрирале и на територијата од Хабзбуршката Монархија.

[625] Поповић, Д. Ј. *О Цинцарима* ... : 133.



Детали од претходно прикажаната географска карта на кои се одбележани името Македонија и нејзините географски граници; јасно одбележани во однос на соседните балкански земји.



Геогрфско-историска карта на Турција од 1820 година (на англиски јазик) во чиј состав фигурира и Македонија покрај другите балкански земји.



Дел од горната географска карта на која е прикажана Македонија.

1821 год. Букурешки мир. „Да им се спротивставиме на интригите и да не дозволиме Романците да им бидат потчинети на Албанците, ниту, пак, Албанците да им бидат потчинети на Грците, ниту, пак, Грците на Србите, ниту Србите на **Македонците**...“[626]

1821 год. Марко К. Цепенков: „От коа поседе дома[627] пак му се кошна во Влашко (Романија) со Никола и тамо беше го начекале времето да спечалат пари. Во тоа време имало некој Слуѓар Тодор (водач на востанието во Романија) што го викале, и тој накренал сите јабанџии најпоеќе **Маќедонци** против бојарите...“[628]

1828 год. М. Ладиженски.[629] „**Македоњаните** што живеат во земјата, чија положба е планинска и налегнала кон исток, според мислењето на Ипокрит многу поволна за развој на човечките способности, земајќи просветување од Грците, брзо избиле со посебен блесок на политичката

[626] Botzaris, N. *Visions Balcaniques dans la preparation de 1 s revolutionqrecque*, Paris - Geneve, 1962: 229.


[627] Се мисли на таткото на Марко Цепенков.

[628] *Документи за борбата*..., том 1: 170; Цепенков, М. К. *Македонско народно творештво* (Материјали, Литературни творби), книга 10 (редактирал Блаже Ристовски). Скопје, 1972: 308.

[629] Штапски капетан на Генералштабот на руската армија.

сцена. Посилни бројно, со природни способности, со телесни квалитети и знаења добиени со образование - тие вчас ја поробиле Грција и за не многу години го раширile своето владеење сè до границите на Хиндустан. Нивната борба со Рим, кој ги употребил против нив сите свои сили во тоа време, кога Картагина била веќе покорена - била долговремена и блескава. Но обессилени и изродени слично на другите племиња во Грција, тие без секаков отпор се подложиле под ропство на Османлиите..."[630]

1829 год. Трифон Неделјович Давидски.[631] „До неговото превосходство и Светло Сијателство, пречесниот и преславниот сеопфатен и семилостив наш господин, главниот командант на 2. армија."




Насловот и дел од првата страница од прокламацијата
За верата Христова од авторот Т. Н. Давидски од 1829 год.

630 Станоевски, Ц. *Како* ... : 45-46; Ладиженски, М. *Поглед на европска Турција*. С. Петербург, 1829.

631 Рускиот историчар д-р Жила Ленина, професор на Московскиот универзитет, во средината на 90-тите години од минатиот век пронашла три исклучително важни документи од 1829 година во Централниот архив на Русија во Санкт Петербург напишани од Т. Н. Давидски, којшто за македонската научна јавност е голема непознаница и е недоволно истражена личност со потекло од Пловдив. Тој престојувал во Русија каде што создал засега три познати дела поврзани со Македонија. Тоа се една песна за Македонија, текстот на една прокламација до македонскиот народ *За верата Христова и за верата на татковината* и еден меморандум до главниот командант на Втората руска армија во кој се бара ослободување на Македонија од страна на руската армија.

Молба и желба


„Кога во бурно време пливаат по морето бродовите, господата што се наоѓаат во нив искрено сакаат што поскоро да стигнат во тивкото пристаниште Лиман. Така и ние сега сметаме дека во време на војна господарот и главниот командант и сето воено начелство сакаат што поскоро да заврши таа војна. Затоа имаме чест да го замолиме Вашето Височество, недалеку пред руската армија на константинополскиот пат се наоѓа нашата праотеческа земја **Македонија**, многу ќе ѝ биде полезна на војната таа да ја задоволи со секаквите потреби. Искрено сакаме од Вас дозвола да им дадете секретно на знаење да востанат сите **Македонијанци** против непријателот: прво, да ѝ дадат помош и соработка во сегашната кампања; второ, ние сме должни да му услужиме на рускиот престол заради својата татковина; а трето, заради спас на христијанскиот род од непријателските напади...“[632]


ІПОО МИЛОСЕРДНА ОЧЕРИ ОТЪ ПЕРЗИТЕ НАМО ЯНИТИ ДАСПАСНЕМЪ ДА-
НЕПОГИБНЕМЪ НОДАЙЗБАВИМСА ОТЪ БЕДЪ СЕЙ ИЖ ГО ЄСТЬ СПАСЕНИЕ РОДА
ХРТЇАНСКАГО ОБРЕТАЮЩИХСЯ ВЪМАКЕДОНКА
18 80 29 годъ
ОБЇТЕЛА МАКЕДОНСКИ ИЗЪ ГР
РОТА ФИЛИПО ПОЛЕ ТРЇФ
НЪ НЕДЕЛЇОПИЛА ДАПИДЇСА
ПОКОРНЕЙШИЙ РАБЪ ВАШЪ

Крајот на прокламацијата „За верата Христова...“

632 Ристовски, Б. „Јасно слонце ... : 6-8; истото, „Да востанат сите Македонијанци против непријателот“. *Македонско време*. Скопје, октомври 1997: 15-18; Централен историски архив на Русија, СПб., ф. 673, оп. 1, ед. хр. 386; Ристовски, Б. *Македонски работи*. МАНУ. Скопје, 2013: 147-148.

1837 год. Џон Фокс.



THE ACTS AND MONUMENTS
OF JOHN FOXE:


A NEW AND COMPLETE EDITION:

WITH A PRELIMINARY DISSERTATION,
BY THE
REV. GEORGE TOWNSEND, M.A.
PREBENDARY OF DURHAM,
AND VICAR OF NORTHALLERTON, YORKSHIRE.

EDITED BY THE
REV. STEPHEN REED CATTLEY M.A.
RECTOR OF LECKHAMPTON, GLOUCESTER,
AND CHAPLAIN TO THE RIGHT HONOURABLE THE EARL OF HARDWICKE.

VOL. IV.

PUBLISHED BY R. B. SEELEY AND W. BURNSIDE;
AND SOLD BY L. & G. SEELEY,
FLEET STREET, LONDON.
MDCCCXXXVII.



CALEPINE, THE FIFTH EMPEROR OF THE TURKS.


Calepine or Celebine, was the son of Bajazet, and of four brethren the eldest; who being all taken captives by the Parthians, he only escaped and obtained his father's kingdom. This Calepine, encouraged by the sloth and negligence of the princes of Europe, and by the discord of the Greeks among themselves and other nations near about them, long troubled and vexed the Bulgarians, Servians, and Macedonians, even to the time of Sigismund.

„Султанот охрабрен од негрижата на европските принцови и поради неслогата меѓу Грците и другите народи околу нив, долго им штетел на Бугарите, Србите и **Македонците**, дури и за времето на Зигмунд...“[633]

633 https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/05/1837_John-Foxe-The-acts-and-monuments-of-John-Foxe-n.jpg.

1843 год. Македонски востаници во Грчкото востание. Авторот на Грчката револуција од 1843 година, генералот Калерги, подоцна министер во Грција, за британско списание изјавил: „Вистинските Грци не би ги протерале Турците. Тие се премногу деградирани дури и да ја посакуваат слободата... Имаше многу **Албанци**, **Македонци** и други странци кои се бореа против Турците.“[634]

1843 год. Чезаре Канту.



MAOMETTO II. 105

santità della famiglia qual è tra noi non può sorgere in un serraglio di mogli gelose e di figli contendenti.

Fondamento alla forza degli Ottomani erano guerrieri reclutati fra i più vigorosi d'Europa, Traci, Macedoni, Albanesi, Bulgari, Serviani; e dai dodici o quattordici anni educati all'armi; i quali e restavano sottratti ai cristiani, e legati in una specie di fraternità militare, sciolta da legami di famiglia. I distinti per nascita o talento, diventavano *agiamoglani*, o *ichoglani*, quelli addetti al palazzo, questi alla persona del principe. Sotto eunuchi bianchi imparavano il maneggio del cavallo e del giavellotto; chi mostrava inclinazione agli studii, applicavasi al corano e alla lingua araba e persa, per sottentrare agli impieghi civili, militari, ecclesiastici; poi vecchi entravano nei quaranta agà che accompagnavano l'imperatore, il quale destinava poi loro i governi e i sommi onori (1). Non dunque la nazione conquistatrice dominava, ma le creature del despoto, schiavi i più senza nodi di famiglia, d'amicizia, di patria, null'altro che devoti al sovrano cui doveano tutto, avvezzi all'obbedienza assoluta, non sostenuti che dal merito personale (2).

104 EPOCA XIII. 1270-1300.

A tale disciplina che cosa potevano opporre i Bisantini? Il fuoco greco era tornato un mistero per quelli che vi diedero il nome; la polvere da cannone erasi



STORIA

UNIVERSALE

SCRITTA

DA

CESARE CANTÙ

VOLUME XII.

EPOCA XIII.

TORINO

PRESSO GLI EDITORI GIUSEPPE POMBA E C.

1845

Италијанскиот историчар Чезаре Канту (1804 - 1895) во неговата книга *Светска историја* од 1845 година ги спомнува Македонците како посебен народ во средниот век, и тоа во главата која го опишува периодот од 1270 до 1300 год.

1845 год. Атанас Македонец. Во својата книга *Претскажувањата на Голем Александар*, печатена во Венеција, Македонец во предговорот пишува

634 Nassav Wiliam senior, *Conversations*. London, 1878: 304-305.

за својата татковина: „**И шчом ова ракописмо јет пресказање на Голем Александр и чинит мноугу голем збор за негојата мноугу милослива патрида[635] Македониа, јас слугата на Христа од истата земја со тој големиот човек, сторив ниет, со помож на сфети Дух, да го прам терџуме[636] и на јазиците што се зборуваат на мојата патрида.“**[637]

1846 год. Ѓорѓија Македонски.[638] Село Радибуш, Крива Паланка. „Роден сум од татко ми свјаштеник Димитрија и мајка Варскија... Славјанското писмо го изучив од татко ми **Димитрија Маќедонски**, кој така се вика зашто сме **Маќедонци**, а не Грци... И јас прекарот си го зедов **Маќедонски**, а не по татко ми и по дедо ми за да се знае оти сме **Славјани од Маќедонија**. Ден Голема Богородица за 1846 година.“[639]

1848 год. Виктор Григорович.[640] **„Во сите посетени краишта јас немам чуено други имиња освен на Александар В/елики/ и на Марка Краљевиќа**. И едниот и другиот живеат во споменот на народот во мошне обопштени ликови. **Споменот на Александар Велики изгледа е повеќе затврден кај народот**, зашто често оние што го изговараат неговото име не можат поинаку да го објаснат неговиот лик, туку се повикуваат на даскалите (учителите) што имаат книги за тоа.“[641]

1851 год. *Царигарадски весник*. За јазикот на Јордан Х. Константинов Џинот, кој е различен и неразбирлив за Бугарите и обратно, во коментарот на весникот пишува: „Колку **за јазикот на г-дин Јордана секој може да види зошто е толку различен од нашиот писмен и говорен јазик**, така што **кој првпат ќе го прочита ќе му се види не толку разбирлив туку и сосема разнороден.** И навистина, **тој јазик** ако и да се покажува бугарски, неговата материја, како и на нашиот, е земена исто така од црковниот пишан јазик, по видот, меѓутоа, то ест по изговорот на зборовите и пишувањето **толку својства**

---

[635] Патрита - татковина.

[636] Терџуме - превод.

[637] *Атанас Македонец: Претскажувањата на Голем Александар* (подготовка, предговор и транскрипција: Вера Стојчевска-Антиќ). Зумпрес. Скопје, 1996: 33.

[638] Ѓорѓија Македонски - учител.


[639] *Документи за борбата*..., том 1: 182; Богослужбена книга *Општи минеј* во црквата во с. Радибуш, Кривопаланечко, последна непагинирана страница.

[640] Виктор Григорович - руски славист.

[641] *Очеркъ путешествія по Европейской Турціи (съ картою окрестностней охридскаго и преспанскаго озеръ) Виктора Григоровича*. Изданиіе второе. Москава, 1877: 139.

и особености има, така што полесно може да го говори прво еден туѓопленик, а не еден единороден Бугарин. Да проштаваат скопјаните и ним подобнојазичните, бидејќи тие не го разбираат ниту можат да го говорат нашиот јазик.“ [642] (А еве на каков јазик пишувал Григор Прличев во 1867 год., истиот кој Бугарите не го разбирале: „Како ние ќе угасиме жедоста наша? Како ние ќе разбериме светеното писание? Како не думаме оти со елинскиот јазик не можит да бидит напредија у нас! Како не думаме оти елинскиот јазик е најм’чен от сите јазици и оти сака 20 години учение!... не е ли слепотија голема да ги слушате децата ваши да ви пеат грцки, та ни тие да не рзбервет, та ни вие да разбервите! Како ќе даите одговор пред Господа вие шчо си ослепивте чадата ваши со јазик чужди, мртов и најм’чен?“)[643]

1850 год. Едмунд Спенсер.


TRAVELS
IN
EUROPEAN TURKEY,
IN 1850.
THROUGH BOSNIA, SERVIA, BULGARIA, MACEDONIA, THRACE, ALBANIA, AND EPIRUS; WITH A VISIT TO GREECE AND THE IONIAN ISLES.
AND
A HOMEWARD TOUR THROUGH HUNGARY AND THE SLAVONIAN PROVINCES OF AUSTRIA ON THE LOWER DANUBE.
BY EDMUND SPENCER, ESQ.
IN TWO VOLUMES.
VOL. II.
LONDON:
COLBURN AND CO., PUBLISHERS,
13, GREAT MARLBOROUGH STREET.
1851.


14 HURST AND BLACKETT'S NEW PUBLICATIONS.

TRAVELS IN EUROPEAN TURKEY:

THROUGH BOSNIA, SERVIA, BULGARIA, MACEDONIA, ROUMELIA, ALBANIA, AND EPIRUS; WITH A VISIT TO GREECE AND THE IONIAN ISLES, AND A HOMEWARD TOUR THROUGH HUNGARY AND THE SCLAVONIAN PROVINCES OF AUSTRIA ON THE LOWER DANUBE.

BY EDMUND SPENCER, ESQ.,

Author of "TRAVELS IN CIRCASSIA," &c.

Second and Cheaper Edition, in 2 vols. 8vo. with Illustrations, and a valuable Map of European Turkey, from the most recent Charts in the possession of the Austrian and Turkish Governments, revised by the Author, 18s.

"These important volumes appear at an opportune moment, as they describe some of those countries to which public attention is now more particularly directed: Turkey, Greece, Hungary, and Austria. The author has given us a most interesting picture of the Turkish Empire, its weaknesses, and the embarrassments from which it is now suffering, its financial difficulties, the discontent of its Christian, and the turbulence of a great portion of its Mohammedan subjects. We are also introduced for the first time to the warlike mountaineers of Bosnia, Albania, Upper Moesia, and the almost inaccessible districts of the Pindus and the Balkan. The different nationalities of that Babel-like country, Turkey in Europe, inhabited by Sclavonians, Greeks, Albanians, Macedonians, the Romani and Osmanli—their various characteristics, religions, superstitions, together with their singular customs and manners, their ancient and contemporary history are vividly described. The Ionian Islands, Greece, Hungary, and the Sclavonian Provinces of Austria on the Lower Danube, are all delineated in the author's happiest manner. We cordially recommend Mr. Spencer's valuable and interesting volumes to the attention of the reader."—*U. S. Magazine.*

"This interesting work contains by far the most complete, the most enlightened, and the most reliable amount of what has been hitherto almost the terra incognita of European Turkey, and supplies the reader with abundance of entertainment as well as instruction."—*John Bull.*

ARCTIC MISCELLANIES,

A SOUVENIR OF THE LATE POLAR SEARCH.


BY THE OFFICERS AND SEAMEN OF THE EXPEDITION.

Во воведот на оваа книга од 1851 год., меѓу другото, стои: „Различните националисти од округ сличен на вавилонска земја, Европска Турција, населена со Склавонци, Грци, Албанци, Македонци, Роми и Османлии - нивните различни карактеристики, религии, суеверија, заедно со нивните посебни обичаи, манири, античка и современа историја, се живописно опишани...“[644]

[642] *Документи а борбата*..., том 1: 184; Болгарски, *Цариградски вестник*, бр. 55, 6.10.1851: 19.

[643] *Григор Прличев: Собрани текстови* (приредил Тодор Димитровски). Скопје, 1974: 114-115.

[644] *Travels in European Turkey,* in 1850, Through, Bosnia, Servia, Bulgaria, Macedonia, Thrace, Albania, en Epirus, with a visit to Greece and Ionian isles, , Edmund Spencer, London, 1851, 14; https://мна.мкд/wp-content/uploads/1850_Edmund-Spencer-Travels-in-European-Turkey-v1.jpg.



tent of its Christian, and the turbulence of a great portion of its Mohammedan subjects. We are also introduced for the first time to the warlike mountaineers of Bosnia, Albania, Upper Moesia, and the almost inaccessible districts of the Pindus and the Balkan. The different nationalities of that Babel-like country, Turkey in Europe, inhabited by Sclavonians, Greeks, Albanians, Macedonians, the Romani and Osmanli—their various characteristics, religions, superstitions, together with their singular customs and manners, their ancient and contemporary history are vividly described. The Ionian Islands, Greece, Hungary, and the Sclavonian Provinces of Austria on the Lower Danube, are all delineated in the author's happiest manner. We cordially recommend Mr. Spencer's valuable and interesting volumes to the attention of the reader."—*U. S. Magazine.*

"This interesting work contains by far the most complete, the most enlightened, and the most reliable amount of what has been hitherto almost the terra incognita of European Turkey, and supplies the reader with abundance of

Исечок од статијата на Едмунд Спенсер

1854 год. За Македоњаните во Руска Бесарабија. „Во Бесарабија имало со сигурност 83 „бугарски колонии“ со вкупно 85 461 жител. Најголем број од нив биле Бугари, 69 525, а останатите биле Власи, Молдавци, Малоруси, Арнаути, Грци и бугарски Цигани. Од сите нив биле бегалци (1830) од Македонија и Румелија. Од нив, првите биле нарекувани **Македоњани** и го употребувале словенското писмо, а последните (Румелијците) грчкото писмо.“[646]

1854 год. Јохан вон Хан. „**Современите Македонци** се антички староседелци на Балканот. Таму тие постоеле како посебна словенска група како резултат на изолација од другите словенски групи и подолг историски период ги спасиле најархаичните форми на античкиот словенски јазик што го користеле Пелазгите, Венетите, Готите, Сарматите, Тракијците, Трибалите.“ [647]

1855 год. Алфред Делакулонш.[648] „Титулата на архиепископот во Воден(а) (старата *Edessa*) и денес гласи: Преосвештен и богосознаен митрополит на светата митрополија на воденците и на **Склавиција**, сепочитуван и пастир на Македонија Прва.“[649]

---


[646] Поплазаров, Р. „Востанието на Карапашо од 1854 година“. *Историја*, бр. 1-2. Скопје, 1976: 106-107; *Патриотически и насръдчителни разкази избрани из автобиографијата на Ив. Б. Шумков*. София, 1907: 324.

[647] Georg von Hann, J. *Albanesishe Studien*, 1854.

[648] Алфред Делакулонш е француски класичен филолог и историчар, член на првата француска археолошка школа од средината на XIX век кој извршил истражувања и реконицирања на голем број натписи во тогашната грчка држава 1855 година, а резлултатите ги објавил во 1859 година.

[649] Деалакулонш, А. *Лулката* ... : 233, 255.

1856 год. А. Брејзи.



A

GAZETTEER OF THE WORLD,

OR

DICTIONARY OF GEOGRAPHICAL KNOWLEDGE,

COMPILED FROM THE MOST RECENT AUTHORITIES,

AND FORMING A COMPLETE

BODY OF MODERN GEOGRAPHY,

PHYSICAL, POLITICAL, STATISTICAL, HISTORICAL, AND ETHNOGRAPHICAL.

EDITED BY

A MEMBER OF THE ROYAL GEOGRAPHICAL SOCIETY.

ILLUSTRATED WITH NUMEROUS WOODCUTS AND ONE HUNDRED AND TWENTY ENGRAVINGS ON STEEL.

VOL. I.


AA—BRAZEY.

A. FULLARTON & CO.,

STEAD'S PLACE, EDINBURGH; 106 NEWGATE STREET, LONDON;

AND 106 GREAT BRUNSWICK STREET, DUBLIN.

1856.



BAN 560 BAN

Carnatic, in the ceded districts of Ballagaut, 40 m. ENE of Gooty, near the base of a low range of hills, which contains diamond-mines.

BANAGHER, a market and post-town, and formerly a parl. borough, in the p. of Heynagh, King's co., on the l. bank of the Shannon, 2 m. SSW of Shannon harbour, and 64 m. WSW of Dublin. The principal street is rather spacious, and not very irregular. The communication at B. between Central and Western Ireland, was anciently inferior in importance only to that at Athlone, and was guarded with similar vigilance, and placed under the surveillance of similar fortifications. The bridge, built in 1759, was 400 ft. long, and had 18 arches. A canal, for conveying vessels past a local obstacle in the river, commences immediately above the old bridge, on the Connaght side, and is spanned by an arch on a line continuous with that of the old bridge. A new bridge was finished in 1843, immediately below the old bridge. It consists of 6 elliptical arches of 60 ft. span, and a navigable opening of 40 ft.; with an iron swivel-bridge, 45 ft. span. The length from abutment to abutment, 480 ft.; water-way, 400 ft.; length of bridge and approaches, 1,380 ft. The old bridge has been removed; and the shoals in the river are now in process of removal; when this is effected the navigation will be open from Killaloe to the entrance of the Grand canal at Shannon harbour, a distance of 38 m. B. enjoys important and far-reaching facilities for trade: it is an advantageous commercial depot for a considerable extent of country on both sides of the Shannon; it commands the whole of that great river's navigation, downward to the sea, and upward to Lough Allen; and it stands at only 2 m. distance from the point where the Grand canal crosses the river, and affords an outlet to Ballinasloe on the W, and to Dublin and all intermediate places on the E. It, in consequence, conducts a considerable trade in the export of corn and other provisions; and is also celebrated for its horse and cattle fairs. Pop. in 1831, 2,636; in 1841, 2,827. Houses 443.—Also a parish in co. Londonderry. Area 32,475 acres. Pop. 5,510. Mount Sawel, on the southern boundary, has an alt. of 2,296 ft.

BANAL, a town of W Africa, in the territory of Footatoro, 30 m. SE. of Sedo.

BANAL, or BANATE, an elevated valley of Hindostan, in the prov. of Cashmere, 10 m. in length, extending into the inosculation of the Himalaya mountains, which forms the S boundary of the prov. It is watered by the Jelum, and is fertile and salubrious, but it is allowed to remain uncultivated, in order that it may afford no facilities of invasion to the neighbouring states. The village, of the same name, is 48 m. SE of the town of Cashmere.

BANALBUFAR, a town in the island of Majorca, 11 m. NW of Palma, on the summit of a steep and richly cultivated hill, the terraced acclivities of which are covered with vines and olives, and which contains marble quarries. Pop. 5,000.

BANAN, a district of Africa, on the r. bank of the Joliba, and extending far to the E. Its inhabitants are of the Mandingo race, and are Mahomedans. They possess numerous herds of oxen, sheep, and goats, and manufacture cotton-stuffs and woollen cloth. They make voyages to Jenné and to Timbuctu.—Cuoliz.

BANANA ISLANDS, a group of three islands on the W coast of Africa, at the SW extremity of the peninsula of Sierra Leone. They are all inhabited. The largest, named Banana, situated in N lat. 8° 8', is about 4 m. long, and 4 m. broad, and is

BANANAL, a town of Brazil, in the prov. of Santo Paulo, on the road between Rio Janeiro and Santo Paulo.—Also a village in the prov. of Rio Janeiro, in the district of Reacale.—Also a large island in the prov. of Goyaz, formed by two branches of the Araguay. Its S extremity lies in 12° 30' S lat. It is covered with a vast forest, and has a large lake in the centre. The soil when cleared is extremely fertile.—Also a small river in the prov. of Santo Paulo, which flows into the Parahiba on the r. bank.

BANANAS, a river of Guatemala, in the prov. of Costa Rica, which falls into the Caribbean sea, in N lat. 9° 55'.

BANANEIRA, a river of Brazil, in the prov. of Rio-de-Janeiro, and district of Cabo-Frio, which joins the Santo Joano, on the l. bank.—Also the third fall of the Guapore, in S lat. 12° 25'.

BANARA, a town of Persia, in the prov. of Lariston, 50 m. NW of Lar.

BANAS, a river of Asiatic Turkey, rising some hours to the NE of Bunarbashi, and, according to Arundell, flowing S to the Meander.

BANASS. See BUNAS.

BANASSAC, a commune of France, in the dep. of Lozere, cant. of Canourgue. Pop. 1,818.

BANAT, or BANAL, a name employed in Austrian topography to designate certain districts in Hungary, Slavonia, and Croatia, which are placed under the superintendence of a ban or military regent.

BANAT OF TEMESVAR, an ancient prov. of Hungary, of which Temesvar was the cap., and which is now divided into the comitats of Torontal, Temesh, and Krassova, forming what is called the Hungarian Banat, which, with the German Banat, forms the Military frontier of Hungary on the side of Turkey. The emperor Ferdinand first quartered German troops in those districts of Croatia bordering on Styria, in order to protect Hungary against the incursions of the Turks. This garrison received numerous reinforcements of Servian and Croatian fugitives from Turkey, who received gifts of land on condition of acting as frontier-guards against the Turks. Every male is by birth a soldier, obliged to serve a certain time to learn his duties, and ever afterwards to hold himself ready at any moment to leave the plough or the loom for the sword and musket. Thus a formidable militia is maintained at little expense. These regimens are called Grenzer, from *grenza*, 'a frontier.' (*Elliot.*) In this way was first organized the military frontier of Styria, or the Croatian Banal or Banat already noticed. As the conquests of Austria extended in Hungary, this frontier line of military colonists was lengthened, until it finally extended round Transylvania in 1765-6, and was peopled by Usbecks, Croatians, Albanians, Macedonians, Servians, and Wallachians. To these have been added colonies of Italians, Spaniards, Frenchmen, Germans, Dalmatians, and Bulgarians. The principal nobility of the three comitats of the Hungarian Banat are of Servian or of Armenian origin. The area of this Banat, which stretches from the Karasch to the frontiers of the Siebenburgen, is about 102 German sq. m.; and the pop. may amount to 82,000. The Teutsch-Banat, or German Banat, lies to the SW of the former, between the Theiss and the Karasch. Its area is about 70 German sq. m. Pop. 94,000.

BANAT-GRANTZE, or BANAT-GENERALAT, a subdivision of Croatia, organized in 1696. It consists of two circles, known as the Deutsch and the Wallachisch regiments; and comprises an area of 174 Austrian sq. m., with 2 towns, and 179 villages; and a pop. in 1837 of 119,397.

ready noticed. As the conquests of Austria extended in Hungary, this frontier line of military colonists was lengthened, until it finally extended round Transylvania in 1765-6, and was peopled by Usbecks, Croatians, Albanians, Macedonians, Servians, and Wallachians. To these have been added colonies of Italians, Spaniards, Frenchmen, Germans, Dalmatians, and Bulgarians. The principal nobility of the three comitats of the Hungarian Banat are of Servian or of Armenian origin. The area of this Banat, which

„Како што се прошируваше освојувањето на Австрија во Унгарија, оваа гранична линија на воени колонисти ослабуваше сè додека конечно не се прошири околу Трансилванија во 1765/6 година, и беше населена од Узбеци, Хрвати, **Македонци**, Срби и Власи...“[650]

650 https://мна.мкд/wp-content/uploads/1856_A-A.-Brazey-A-Gazeteer-of-the-World..-vI-Edinburgh-London-Dublin-768x580.jpg.

Од 50-тите до 70-тите години на XIX век. Поединци и групи Македонци - нарачеатели на книги.

1. 10. Јован Стерија Поповиќ, *Милош Обилиќ*, Јуначко позориште у пет дејствија. Будим, 1928...
   Смедерево: Георгије Јован Закарија, **Македонец**...
2. 16. Живан Теодоровиќ Смедеревац, *Описание рани животе и прикључениja војводе српског Стефана Јакшића.* Повест морално-романтичарска. Будум, 1929...
   Смедерево: Мија Адамовиќ, **Македонец**, трговац...
3. 31. *Забавник за 1833*, уредио Димитрије Давидовић, Београд, 1833...
   Смедерево: Мија Араповиќ **Македонац**...
4. 47. Атанасије Тодоровић, *Историја Русије,* Београд, 1837...
   Смедерево: Димитрије Георгијевиќ, **родум од Македонија**...
5. 48. *Уранија за 1837.* Уредио Димитрије П. Тирол. Београд, 1837...
   Смедерево: Георгије Поповиќ, терзија, родум **Македонец**; Димитрије Георгијевиќ, трговец, родум **Македонец**...
6. 59. *Старији Јулиев Вечити календар с уметником неки од Григорија XIII папе римског новоуведени поправка*. Београд, 1846.
   Белград: Јован Константиновиќ, трговец, родум **Мацедоњанин** и љубител на книги...
7. 66. ***Историја Александра Великог цара Македонског***. Препечатао по други пут на српски језик Ђорђе Ћирић Пирођанац. Београд, 1851.
   Белград: Андреја, родум од Клисура; Димитрија Стојановиќ, шеќерџија од Струмица...
8. 76. Константин Маринковић, Плач Рахили или убијеније 14000 младенцев. Препечатао Георгије Стејић. Београд, 1856...
   Чачак: Теодор Кујунџија **Македонац**...
9. 81. Квинт Куртије Руф, ***Живот Александра Великог цара македонског***. Први део. С латинског превео Стеван Павловић. Беч, 1857.
   Белград: „Собирачи на претплати, двајца побратими **Македончеви**, Стојко Аќимовиќ и Константин Зубан, ученици на прва година на гимназијата во Белград; Димитрије Крстиќ, родум од Скопје (на сите три дела); Бошко Трајковиќ, родум од Велес; Јов. П. Ѓорѓевиќ П. **Македонец**.“ Скопје (во Стара Србија): (од 2 побратими **Македончеви** г. Стојко Аќимовиќ и Константин Зубан, ученици на гимназијата во Белград) Јордан Х. Константиновиќ, редовен член на Друштвото на српската словесност (2 книги); Коста Вељковиќ Солариќ; Коста Сидов; Димитрије Иконолиќ; честњејши отец игумен Михајло во манастирот

Св. Архангел; Трајче П. Арсојевиќ; Ѓорѓе Јовановиќ од Тетово; Бошко Трајковиќ; Јован Трајковиќ; Коста Јовановиќ, трговец...

10. 83. Људевит Штур, *Књига о народним песмама и приповеткама славенским*. С чешкога превео Јован Бошковић. Нови Сад, 1857...
    (Од двајцата побратими **Македончеви** г. Стојко Аќимовиќ и Константин Зубан, ученици на белградската гимназија)...
11. 84. Милан Ћ. Милићевић, *Часови на одмор*, Књига II, Београд, 1858...
    Смедерево: Теохар Георгијевиќ (Ѓорѓевиќ), од Круш(ево), кујунџија (**Македонец**)...
12. 90. Коста Лазаревић*, Љубав к отечству или Бранислав и Тугомир.* Београд, 1861.
    Белград: Јосиф А. Ковачевиќ, **Македонец**, богослов I година.
13. 91. *Несташни Бертолдин, син Бертолдов*, Печатано трошком Х. Алексе Ог. Поповића. Земун, 1861.
    Смедерево: Теохар Ѓорѓевиќ, кујунџија, **Македонец**...
14. 93. Михаило М. Обреновић, *Милош Обреновић или Поглед на историју Србије од 1813 до 1839 године, као одговор г. Сипријану Роберту*. Превео с француског Ч. Препечатао Ђорђе Стајић. Београд, 1863.
    Белград: собирач на претплата Лаза Д. Митељ, овдешен бакал, а родум од Шописта во **Македонија**; Крта Ѓорѓевиќ, родум од Прилеп; Ѓорѓе Беговиќ, чизмарски мајстор, родум од дамнина од гратчето Клисура во **Македонија**. Смедерево: Јован Танасковиќ, кафеџија од Турција, од Охрид, село Боревец; Теохар Ѓорѓевиќ, кујунџија, **Маќедонец** од Крушево; Наум Јовановиќ, од Турција од Охрид, од село Вевчани, кафеанџија во Смедерево...
15. 107. Милан Кујунџић Абердар, *Први јек*. Београд, 1868.
    Белград: Никола Илијев, **Маќедонац**...
16. 109. *Драгачевац*, Српско-народни календар за 1870.
    Белград: Никола Х. Пановиќ **Маќедонац**...
17. 115. Љубомир Петровић, *Косовски осветници у бојевима за слободу и независност српску 1877-78 год.* Песме. Београд, 1879.
    Тузла: Танасије Антоновиќ **Македонац**...[651]

1858 год. Ј. Н. Нешковиќ. Српски дневник. Од 1848 година Велес почна да се буди од длабок сон и сега веќе стекна убав глас во своето соседство. Неколкумина родољубиви мажи го посејаа кај своите сограѓани она божествено чувство за просвета и наука кои толку векови ги немаше во

[651] *Вардарски зборник*, 4. САНУ. Београд, 2005, 167-185.

Македонија, на чиј пат му стоеше грчкото свештенство... Некои родољуби почнаа да ги праќаат своите деца да учат во главните европски градови, а во тоа ги помагаа и другите посиромашни деца, а со просветата се разбуди и чувството за своја народност. Но бидејќи таа воодушевеност за народна просвета растеше со исполински чекори, во Велес се најдоа противници на тоа: Господин архиепископ Антим со рамните на себе, зборувајќи „дека сите народи се просветија од Грците и заради тоа е потребно неопходно во Велес во училиштата да се учи на грчки, а не на **македонски**, затоа што децата уште од дома го знаат својот јазик...“[652]

1858 год. Партениј Зографски.[653] „Наши-от јазик, како што е познато, се делит на две главни наречија, от кои-то едно-то се говорит во Болгарија и Тракија, а пак друго-то во **Македонија**... **Македонското наречие** не толко не требет и не може да бидет искључено од општи-јот писменај јазик, но добро ќе беше ако оно сја приимаше за главна негова основа; по таја причина што оно е по п’лнозвучно, по плавно и по стројно, и во много отношенија по п’лно и по богато. Претставители на тоа наречие се југозападни-те страни на **Македонија**…“[654]

1858/59 год. Рајко Жинзифов за приемот на учебниците на Партенија Зографски од кукушани. „Родителите не можеа да се нарадуваат кога ги слушаа своите деца да им читаат од Свешетената историја на отец Партенија, кој подоцна стана владика по барање на кукушаните, и ним не им требаше да прашаат што е напишано во книгата, затоа што сами го разбираа тоа што се читаше.“[655]

1859 год. Константин Миладинов.

„Господине Г. С. Раковски,[656]

Ние **Македончињата**, недавни овде дојдени (Сант Петербург), еожидано получихме Вашето писмо, полно од искрена и горешта љубов кон отечеството ни... Чух че имате големо собрание от народни песни Зашто побрго не знакомите љубезнителите от нашата словесност? Песните се

---

[652] *Документи за борбата*..., том 1: 190; Ј. Н. „Из Велеса (у Македонији)“. *Српски дневник*, бр. 44, 1858, (според Бранислав Вранешевиќ, *Војводинската јавност*, 320-321).

[653] Партениј Зографски (1818 - 1876), македонски учебникар, граматичар, митрополит и културен деец.

[654] *Документи за борбата*..., том 1: 187-190; *Български книжници*, част 1, кн. 1, 1.1.1858, 35-40.

[655] *Документи за борбата*..., том 1: 191; *Българска Илюстрация*, 8. 1880: 21; Конески, Б. *Кон македонската преродба*. Скопје, 1959: 39.

[656] Се однесува на Георги Стојков-Раковски (1821 - 1867), бугарски преродбеник и револуционер, кому му најавувал собирање и објавување збирка на македонски народни песни.

драгоцени клад от народните чувства и вираженија, затоа секој Болгарин ќе ви бидит сознателен. И ја имам многу **макед(онски)** песни, кои сакам да ги издадам малко подоцкна, зашто сега не ми позволуваат обстојателъствата... Сите **Македончиња** Ви се кланат и Ве благодарјат за љубовта и попечението, кое имахте за них..."[657]

1860 год. Охриѓанец. Допис од Охрид. „**Ова е страна Македонија** и ако пригледаме природа, нарави, обичаи, характер на жители, нихен стан, нихна физиономија, из цело **што познаеме истите онија мужи кои во старо време составјали фаланги Александра Македонскаго."[658]**

1860 год. *Цариградски вестник*. „Преди малку ви пишав од Кукуш, а сега ви пишувам од Солун; не сум одел по други места на Македонија и на Тесалија, и право да ти кажам, срцето не може да ми се нарадува кога гледам дека насекаде се издига дух кон народност и учење. Грешката е дека нема средства таму каде што сакаат да отворат училиште, таму и голема немаштија владее."[659]

1862 год. Д. Македонскиј (Димитар Поп Георгиев Беровски). Во едно писмо на овој наш истакнат македонски револуционер испратени до Стефан Веркович, меѓу останатото, му пишува: „Неискажано ме зарадувавте кога видов дека се занимавате со описот на **Македонија.**[660] Нестрпливо ќе чекам да го видам тоа за кое ќе Ви должат вечна благодарност **синовите на Македонија**.[661] Од моја страна, јас единствено Ве молам, мој најдраг пријателу, немојте да им обрнувате внимание само на поглавните градови, зашто гледате и сами дека во нив најмногу е расипан јазикот, изменети се обичаите и се има склоност кон грцизмот. Не губете ги од вид оние планински населби кои најдобро ги зачувале јазикот и обичаите и за тоа, имено, Ве потсетувам, немојте да го прескокнете Мариово, кое му припаѓа на Битолскиот Санџак на исток од Битола, во планините каде што извира Црна Река. Таму

[657] *Документи за борбата*..., том 1: 191-192; *Братя Миладинови: Преписка* (издраил, коментирал и редактирал Н. Трайков). София, 1964: 132-133; *Константин Миладинов*: *Избор* (избор и предговор Гене Тодоровски). Скопје, 1980: 73-74.

[658] *Цариградски вестній*. Цариград, 3 мартъ 1860; Конески, Б. *Кон македонската преродба, македонските учебници од XIX век*. ИНИ. Скопје, 1959: 80.

[659] *Документи за борбата на македонскиот*..., 195. (*Цариградскій вестник*, бр. 472, 27.2.1860)

[660] Описот подоцна бил објавен во книгата на Веркович.

[661] Се чини дека Беровски не бил свесен за улогата која ја имал Веркович како српски шпион во Македонија во тој период, што се огледа во следниот прикажан документ на овој човек во којшто истовремено се гледа и дека бил свесен за посебноста на македонскиот народ и неговиот јазик.

живеат само чисти **Словени** кои и по облеката се гледа дека се оние истите стари грчки варвари...“.[662]

1862 год. Стефан Веркович. „Сметам дека нема да биде излишно ако ги спомнам овде моите активности од 1862 година наваму, додека бев во **Македонија** како таен српски агент... Мораше, значи, да се поработи на тоа да се разбуди замрениот народен дух и, каде што зборував со повереницite, го добив она убедување дека за кревање востание не може да стане збор, затоа што тоа би ја компромитирало тоа работата. Доста ќе биде тоа ако се успее македонскиот народ да ја пречека српската војска... Толку е познато дека дијалектот на **македонските Словени** се одликува[665] од тие на другите балкански Словени...“[666]

1867 год. Свештеник Димитрија. Свештеникот Димитрија од црквата во Крива Паланка дава податоци за себе и за својата татковина Македонија како словенска земја во која живеат македонски Словени: „Во името на Отецот, Синот и Светиот Дух, јас ерej Димитрија, роден сум во с. Огут, Кривопаланечко и 12 години пастирував во родното село, кога на 1848 лето Господово првенците на градот Крива Паланка ме главија за свештеник против волјата на Неговото Високо Преосвештенство, грчкиот кир Гаврил. За моето назначување се заложи најмногу г-н Михаил **Македонски**, зашто сум родум **Македонец** и службата ја терам по **славјански**. Од Бога било пишано моето отечество **Македонија** да страда од Грците, па тие не ни даваат и денес мир, иако сите знаат дека **Македонија** била постара држава и од нивното царство. Ние сме си имале наши **словенски** учители и просветители Кирил и Методија, кои ни го оставија нашето словенско писмо. Тие се родум **Македонци** од Солун, славната престолнина на **Македонија**. Тоа не ни го признава владиката Грк, па затоа ние не сакаме да пастирува, туку да си имаме наш архипастир Словен, во веки веков, амин.“[667]

---

[662] Тука Беровски прави асоцијација на античките Македонци, кои од Грците се третирани како варвари.

[665] Односно дека е засебен јазик.

[666] *Документи за борбата*..., том 1: 201-203; Арнаудов, М. *Веркович и Веда Словена*. София, 1968: 440.

[667] *Документи за борбата*..., том 1: 203-204 (запис во книгата *Житие светих* во кривопаланечката црква; претпоследната непагинирана страница).

1865 год. Весник *Турција*. „Општината од источната страна на градот[668] од пред 8 години обрнала поголемо внимание и усрдност отколку пред тоа за просветувањето на умствениот развиток на младите, и тоа на **мајчиниот словенски јазик.“**[669]

1865 - 1892 год.[670] Ѓорѓија Пулевски. „СЛАВЈАНСКОМАЌЕДОНСКА ОПШТА ИСТОРИЈА ЗА СВИ ПОЛОСТРОВСКИ НАРОДНОСТИ Написана је по **славјанско-маќедонско нареченије** за да ја разбирајет сви полостровски Славјани...

Дел I-ви

За от 131-ва год. по потопот вселенски до 900 год. пред Христа

Книга 1-ва

До 900 год. пред Христа

Токо маќедонски-славјанска историја оту се зафаќат уште от 131-ва год. по вселенскијот потоп, даже се поделиле и насељјавале **Маќедонци**, едно време је’...

VI-ти

А от горе речено време во пред речениве места **Маќедонциве** като се плодиле и се населјавале као неподвижни (непокретни) си стојале под управленије от свои владетели даже до 900 години пред Христа.

Токо за да пред речено време за **Маќедонци** оту имале свои цареви и царствено правленије, познаваме уште от Тројанскиот бој.

VII-ми

Токоречи најверни доказателјства находиме за от маќедонските цареви от деветстотини години пред Христа. Ама за свои горе речени времиња понаособ раскажуваме во историјава; сите преврати и случаји **Маќедонцим** случивсишисја даже сега.

VIII-ми

Токо во прошедше текушти времиња от славјанскиов род најнапред придошле Болгари, а по Богари околу 200 години придошле и Срби.

---

[668] Се мисли на градот Велес во кој за првпат во Македонија е отворено народно, а не ќелијно училиште во 1857 година.

[669] Весник *Турция*, бр. 41, Цариградъ, 1.5.1865, кн. II, 265; Трајановски, А. *Црковно-училишните* ..., 317.

[670] Оваа книга зачувана во ракопис Пулевски започнал да ја пишува уште 1865 во Белград, а ја завршил 1892 година во Софија.

Токо, и за Болгари и за Срби кажувано је во отсобити истроији, а таке и за от други народности кажани се историјите им...“[671]

1866 год. Ристо И. Иванишевиќ. Истакнатиот мостарски граѓанин во своите спомени за градскиот живот во Мостар запишувал за сите позначајни настани кои се случувале во градот и за луѓето кои се доселувале или работеле во него од други краишта на Балканот. Меѓу останатото, за таквите луѓе ја запишувал и ги издвојувал нивната народносна припадност: „Слушав за владиката Јосиф (Грк - Б.С)... Ова семејство се **посрбило** и денес има поколенија, и исто така и од брат му Николин се посрбија и во Сараево се нарекуваат (презиваат) Николиновиќ. По Јосиф дојде Аксентија **Бугар**. Тој остана мислам до 1866 година... По Аксентиј дојде повторно Јосиф... Бидејќи Јосиф дојде по втор пат, од тогаш како мал го знам, убаво служеше словенски... Кога не служеше, стоеше во столот па на утринската (молитва - Б.С.) пееше на **грчки**... Ги омажи од братот: Јованка, Николиновата ќерка, за Хаџи Јово Петровиќ во Сарајево, Аника за Саво Билиќ во Мостар, Катинка за Стефан Монастерлија **Македонец**, кој имал дуќан во Мостар. И Јосиф го повлекле во Синодот во Цариград, каде што починал, а на негово место дојде Глигорије **Грк**, голем пијаница, па беше година - две, па се разболе од многу пиење, па отишол во Цариград, каде што починал. По него дојде Прокопиј **Бугар**...[672]

1866 год. Васил Д. Стојанов. Овој бугарски книжевник и лингвист, за кого Македонците се Бугари, во годините кога интензивно се дебатирало дали да се создаде еден заеднички бугарско-македонски литературен јазик, меѓу останатото, како и македонскиот преродбеник Партениј Зогравски, ги забележува битните разлики на двете наречја (јазика): „...разликата меѓу западниот и источниот дијалект[673] е толку голема како меѓу наречјето на Чехословените во Чешка и Моравска и наречјето на Чехословените во Словачка..., западното или **македонско наречје** е пополно помелодично отколку источното...“[674]

---

[671] Ристовски, Б. *Неколку одломки од обемната „Славјаномаќедонска општа историја“ на Ѓорѓија М. Пулевски од 1892 год.*; (Народна библиотека „Св. Кирил и Методиј“ - Софија, сигн. бр. 32/958).

[672] „Успомене Ристе И. Ивановића“. *Браство*, XXVII. Београд, 1934: 167-168.

[673] Се мисли на македонскиот и бугарскиот народен говор.

[674] Доровски, И. „Капитоли од чешко-македонските културни односи“. *Гласник*, 2. ИНИ. Скопје: 132-133. (Stojanov, V. D. „Slovo I. o literárních pracih“. *Časpopis Muzea království českého*. 1866: 272-283.

1867 год. Петко Р. Славејков. „Двајца од македонските ученици во нашето народно училиште овде составуваат еден **нов буквар на македонското наречје**; тие ја повикуваат помошта на сотатковинците за неговото поскорешно издание.“[675]

1867 год. Тодор Кусев.[676]

„Господине редакторе на ’Македонија‘,

Вашиот весник со самото име го зачуди секого во **Македонија** до таа мера што секој трча да види што весник е што го носи името на нашата земја ... Весникот кај Грците и гркоманите е дочекан со тага и бес, затоа што тие секојпат воделе борба за погрчување на **Македонците**, уништувајќи ја Охридската архиепископија - ’искрата на нашата иднина‘. Но и колку да се мачеа да нѐ сопрат да одиме напред, не можеа да го искоренат чувството сосема **Македонците** да не бидат **Македонци**...“[677]

1868 год. Никола Поп Филипов.[678] „Мнозина од нашите сограѓани - **Македонци**, исфрлувајќи го елинскиот јазик од црквите во богослужбата го заменија со **црковнословенскиот**, од кој малу се ползуваа, зашто толку го разбираат него колку и елинскиот... Учебниците што се преведувале на бугарски, наречен балкански јазик, досега малку нешто ни беа поразбирливи нам, на **Македонците**, од оние на црковнословенскиот јазик, затоа и полза сосем мала имаме придобиено од нив.“[679]

1869 год. Кузман Шапкарев.[680] „Кај нас (до каде што бил изгонет бугарскиот јазик) се разбира дека никој, од најмалиот до најголемиот, не знае да чита бугарски, та како би можело да се воведе лесно? Но полошо е тоа што меѓу нашите има и такви луѓе кои, освен што не знаат и не сакаат да се научат

---

[675] *Макединія*, I, 12. Цареградъ, 18.2.1867: 4; Ристовски, Б. *Потрети*..., цит. дело, 334.

[676] Писмото било испратено од Битола на 28.1.1867 год. од Тодор Кусев, прилепски младинец и секретар на Прилепската Општина. Тој во него изнесува каков впечаток оставил, не само меѓу Македонците туку и меѓу Грците и гркоманите во Битола и Охрид.

[677] *Документи за борбата*..., том 1: 203-204; (*Макединія*, бр 1. Цареградъ, 28.1.1867).

[678] Никола Поп Филипов (1822 - 1896), учител, свештеник и просветен деец.

[679] *Сведоштва за македонскиот идентитет (XVIII - XX век)*. ИНИ. Скопје, 2009: 22; Стаматоски, Т. *Никола Поп Филипов, ран претходник на Мисирков: Македонскиот јазичен идентитет*. Скопје, 47; Сидоровска-Чуповска, С. *Учителите во градењето на македонскиот идентитет: Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010: 287; Мокров, Б. „Борба за зачувување на македонскиот јазик низ цариградските весници од средината на XIX век“. *Погледи*, XIII/6. Скопје, 1976: 35-36; Попъ Филиповъ, Н. „Село Банско, Окръжие, Разлогъ“. *Македония*“, бр. 19, II/9. Цареградъ, 6.4.1868.

[680] Учебникар и фолклорист.

... Една од многуте нивни големи пречки е и следнава - оти б. јазик бил српски (!?) божем запрен. (!?) А денешното источнобугарско наречје - оти било 'шопско', а пак Шоп кај нас значи најпрост дебелоглавец, та велат: *Шопје ли ќе се чиниме.*"[681]

1869 год. Иван Шумков.[682] Кога беше прашан на која од споменатите две народности припаѓа, тој одговараше**:** „Јас не сум Бугар, ниту Грк, ни Цинцар, јас сум чист **Македонец**, какви беа Филип и Александар Македонски и Аристотел филозоф..."[683]

1870 год. Анонимен Македонец во весникот *Македонија*. „**Ферманот,** кога излезе од милостивите раце на Н.В.С.А.,[684] **претставуваше голема утеха за Бугарите** кога се видоа сместени во нивните епархии**; но таа висиока милост не беше дадена само исклучиво за Бугарите, туку истото се вети и за Македонците** преку 10-тиот член, според кој, ако си ја покажат сите или 2/3 желбата, ќе успеат да се присоединат кон Бугарската црква. Но пред да се соединиме, мислиме и сметаме дека ние должност да ги прашаме и да ни кажат - како ќе пастируваат, според евангелската заповед ли или како до денеска што ни пастирувале грчките владици тирански и деспотски? Зашто, **како што ни мириса уште отсега**, **ќе да навала кон тој пусти деспотизам**. Па затоа не е срамота да ни кажат оти така ќе биде, барем да не си ја буфтаме главата суетно, па најпосле поголеми главоболија да имаме, **прашања македонски.**"[685]

1870 год. Кнапич.[686] „Припадништвото на **македонското население** кон Патријаршијата или Егзархијата **не ја означува неговата национална припадност**, како што тоа сакаат да го утврдат 'аргументаторите' на бугарската национална пропаганда кога се повикуваат на бугарштината на **Македонците**

---

[681] *Документи за борбата*..., том 1: 206; Шапкарев, К. *Наръчно Св. Благовествование*. Цареградъ, 1869: 3.

[682] Пред да ја прифати бугарштината, крушевскиот учител Иван Шумков во 1869 година, значи пред формирањето на Бугарската егзархијата и појавата на бугарската црковно-училишна пропаганда во Македонија, се изјаснил дека е Македонец. За тоа пишува бугаринот Стефан Салганџиев во 1906 год.

[683] Салганджиев, Ст. *Лични дѣла и спомени по вѣзрожданието на солунскитѣ и сѣрскитѣ Българи*. Пловдивъ, 1906; Конески, Б. *Кон македонската преродба: Македонските учебници од XIX век*. ИНИ. Скопје, 1959: 49 - 50.

[684] 28.2.1870 год.

[685] „Единъ глас за всичка Македоніа". *Македонія*, IV, 60, 23.6.1870: 1-2. Ристовски, Б. *Портрети и процеси од македонската литературна и национална историја*, I. Скопје, 1989: 366-367.

[686] Австриски конзул во Солун.

поради нивното масовно пристапување кон Бугарската Егзархија. Тоа означува 'грчка партија' или 'бугарска партија', никако народност."[687]

1870 год. Стефан Захариев.[688] Авторот Захариев во списанието *Читалиште* од Цариград пишува за древните Македонци и за потчинетоста на стара Грција под македонска власт. Во исто време, авторот ја подвлекува современата состојба на Македонците во однос на Грците фанариоти: „Според тоа, ако ни беше целта да ги опишеме зачуваните во грчките книги 'свадбарски обичаи и гозби на древните Македонци', причината за оддалечување од предметот се состои да ја покажеме цивилизацијата на **Македонците Словени**, во што се состоела таа во времето на Александар и до каде стигнувало нивното образование за да ги употребуваат Елините за подбив и сегашната нивна заблуда и незнаење во кое ги фрлиле гркофенерските владици и да ги поканиме нашите родољубиви сонародници да им помогнат и морално и материјално... На 25 март 1870. Во Т. Пазарџик."[689]

1870 год. Учител од Ресен.[690]

„ПИСМО ПРИЈАТЕЛСКО,

Љубезен мој пријателе, во Велес ќе се почудите, мислиме, кога ќе го видите нашево писмо. Еден учител по име г. Шапкаревич,[691] когошто може да го познавате лично, дојде во училиштето да ме посети; истиот ден ми стигнаа и книшките кои што ми ги испративте преку г. Лазар П. Х. Стојанов. Но штом ги виде рече дека не требало да се продаваат во **македонските училишта**, бидејќи биле (на) бугарско наречје; ами да земеме од неговите книшки затоа што биле (на) **македонско наречје**. Но какви се неговите книги - едно мало дете да се смее. И покрај сето тоа, откако се противевме некое време, си отиде. Тогаш отишол кај старешините на нашиот град и им рекол 'да ги запрат тие книшки и да не се продаваат во училиштето.' И тие како прости ми рекоа да ги вратиме нив, а на местото нивно ги донесоа неговите. Ова за ваше знаење."[692]

---

[687] Ташковски, Д. *Раѓањето* ... , 223; Мојсов, Л. 143.

[688] Бугарски учител во Солун.

[689] *Документи за борбата*..., том 1: 207-208; *Читалище*. Цареградъ, 1/7, 1871, 214-216.

[690] Во писмото објавено во весникот *Право* од 30.11.1870 год. известува дека граѓаните на Ресен му ги враќаат учебниците на Хр. Г. Данов и наместо нив ги вовеле учебниците на Кузман Шапкарев.


[691] Односно Кузман Шапкарев.

[692] *Документи за борбата*..., том 1: 208; Конески, Б. *Кон македонската преродба*, 68; Весник *Право*, 30.11.1870 год.

1870 год. Весник *Право*. „Тој беден учител во Кукуш ја напушта службата кога ќе му текне и оди од град во град во крстоносен поход против книгите напишани на бугарски јазик... Во Охрид... неговите први зборови биле полни со омраза кон сè што е бугарско. Тој рекол: ’Одвај се ослободивме од Грците, сега пак Шопје ли да станаме?‘ Од сето погоре изнесено може јасно да се разбере во каква пропаст сака да го турне народот тој таканаречен господин, поради што некои веќе се дрзнаа да изјават дека: ’**Ние сме Македонци, а не Бугари**!‘ И порано сме слушале од патниците за некои учители по Македонија и за г. Шапкарев кој се труди да ги убеди нашите македонски браќа како **било друго Бугарин и бугарски јазик, а друго Македонец и македонски јазик**. Но не веруваме, едно поради тоа што мислевме дека е тоа грчко лукаво средство за разделување на нашата народност...“[693]

[693] *Право*, бр. 30. Цареградъ, 30 ноември 1870.

VII ДЕЛ



Вилијам Гледстон - *Македонија на Македонците*

„МАКЕДОНИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ“ (1870 - 1912)

СТРАНСКИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО МАКЕДОНИЈА И НИВНОТО НЕГАТИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА МИСЛА И ИМЕ (1870 – 1912)

„Само одељното македонцко национално самосознаање кај нас ни даат морално право да се бориме против барањето на малите балканцки држави, да се разделит нашата таткоина и да се бориме против пропагандите што готват почва за дележ - Крсте Мисирков.“

Зборот „пропаганда“ бил воведен 1622 година, кога папата Григориј XV бил преплашен од глобалното ширење на протестантството и формирал Конгрегација за пропагирање на верата.[695] До крајот на XIX век пропагандата била користена најмногу во рамките на црквата и образованието.[696]

Сепак, теренот на Македонија, како ретко каде, во втората половина на XIX век станал мегдан на жестоката и немилосрдна црковно-просветната пропагандна војна меѓу повеќе црковни пропаганди: грчката, српската, бугарската, романската, католичката, протестантската и др., непосредно да се влијае врз свеста на верниците и учениците за да им се наметне туѓа национална свест и туѓо идентитетско име. Всушност, од 70-тите години на XIX век започнува сагата за забранетото име и непланираната нација.

Што се однесува до балканските пропаганди во Македонија: грчката, бугарската, српската и романската, во периодот од среднината на XIX век, а особено од крајот на Источната криза во 1878 година, па сѐ до Балканските војни во 1912 година, вложиле енергија, луѓе, научни кадри, пари и средства кои дотогаш не биле познати во толкави размери. Сите тие биле насочени една против другите, а заедничко во нивното дејствување е уништувањето на „секоја автохтона македонска појава“. Анализирајќи и набројувајќи низа историографски и етнографски наслови на печатени пропагандни книги и материјали од страна на сите четири пропаганди во Македонија, Никола Минов констатира дека: „...силно исполитизирани и континуирано спротивставени една на друга, националните историографии на балканските држави се обидуваат да ги акцентираат сите негативности што произлегле од пропагандното дејствување на нивните конкуренти во османлиска

[695] Бернејс, Е. *Пропаганда - во раце држите парче историја*. Антолог. Скопје, 2020: 11.

[696] До почетокот на Првата светска војна зборот „пропаганда“ бил запоставен термин, кој како таков не бил застапен ни во речникот на енциклопедија *Британика* до 1911 год.

Македонија, а, од друга страна, редовно го избегнуваат зборот пропаганда, кога пишуваат за ’хуманите цели‘ на своите сонародници.“ [697]

Една од најмоќните пропагандни средишта и институции во рацете на странските пропаганди била црквата. Во Османлиското Царство повеќе или помалку, речиси низ целиот Балкан, па и во Европа, православната вера се нарекувала „грчка вера“. Со воспоставувањето на милет-системот во 80-тите години на XIX век во рамките на Османлиската Империја, како се признаваа одредени цркви така во исто време се прогласуваа за национални, иако црквата беше и денеска е за сите верници религиски храм.[698]

Теодосиј Гологанов уште во 80-тите години на XIX век ја прозрел политиката на Егзархијата како национална институција на туѓ народ и држава: „...светата наша Егзархија со својата црковна и просветна дејност тука во Македонија, врши всушност најмизерна задача, **му го одзема името на еден народ и го заменува со друго**, **му го одзема мајчиниот јазик и го заменува со туѓ за да обезбеди на својата Влада и своите бугарски чорбаџии да си ја прошират трговијата и на туѓа територија**...“[699]

Денес, и по 150 години (од 1871 год.), силно одѕвонуваат зборовите на бугарскиот преродбеник Петко Р. Славејков[700] и ги вознемируваат противниците на македонското име и идентитет. Не можејќи да ја премолчува македонската реалност, затоа што му било многу „жално и тешко да слуша такви зборови“, сепак решил да говори за Македонците „преку печатот“, зашто „му се гледала работата доста деликатна“, што ќе рече, би отворил

---

[697] Минов, Н. *Балканските пропаганди во османлиска Македонија: Прилози за историјата на македонската култура*. МАНУ. Скопје, 2021: 159-160.

[698] Дури и денес може да слушнеме за „грчка вера“, „српска вера“, „српска стара нова година“, „српски ускрс“ итн. Дури се присвојува и дејноста на словенските просветители Кирил и Методиј, биле „бугарски просветители“, потоа „бугарската писменост и јазик“ во средниот век. Според тоа, перцепцијата и поимањето на народносната припадност во првата половина на XIX век е сосема различна од денешната на почетокот од XXI век. Велиме од денешната, затоа што, меѓу другото, процесите за создавањето на модерните нации подразбираат мешање на многу нации и раси во една, како во САД, Австралија, Канада и поголемиот дел од ЕУ. Денешниот поим на нацијата се менува, дури има и тенденција на исчезнување со процесот наречен „глобализација“. Нацијата, како поим потребен најмногу на крупниот капитал, ги унифицираше народите во одредени граници за да го обезбеди и осигура пазарот и капиталот, но денешните моќни корпорации и семејства располагаат со поголем капитал од државите и за нив нациите станаа пречка за ширењето на нивното влијание. Оттука, во светот се форсира т.н. глобализам преку којшто нациите го губат почетното значење и сè повеќе сме сведоци на континентални идентитети или можеби некакви супернации, кои се создаваат во големите и моќни држави и коишто ги апсорбираат помалите и посиромашни народи. Во таквите системи етничкото и јазичното обележје на малите и сиромашни народи полека го губи значењето.

[699] *Документи за борбата...*, том 1: 288-289.

[700] Славейков, П. Р. „Македонскийт въпрос“. *Македонія*, г. V, бр. 3. Цареградъ, 18.1.1871: 2.

полемика во весниците која би можела да пробуди многу приврзаници на македонската кауза, како што тој нагласува „во околностите во кои се наоѓаме“, мислејќи на критичното време за создавањето на Бугарската егзархија, каде што секое отворање на македонското прашање можело штетно да влијае врз остварување на тие великобугарски национални цели. Но, за негова жал, тоа прашање веќе „излегло на пазар“ и веќе биле „принудени сакале-нејќеле“ да се јави.

Паниката на Славејков доаѓа оттаму што „многупати сме слушнале од македонистите дека тие не биле Бугари, ами Македонци, потомци на древните Македонци“. Значи самиот Славејков признава дека тие се нарекувале себеси Македонци, а не како што тој тенденциозно ги нарекува „македонсити“. Понатаму, Славејков ги обвинува Македонците дека „се делат од Бугарите по друга причина, по тоа што тие се чисти Словени, а Бугарите се Татари и не знам што...“ и ги цитира „македонистите“ дека се бунеле со зборовите: „Се откинавме од Грците, под други ли да паднеме.“[701]

Великобугарските пропагандисти во Македонија и покрај обидите да ја скријат вистината за постоењето македонска самосвест, не успевале докрај да се воздржат а по весниците да не ги нападнат Македонците. Покрај Славејков и Ст. Салганџиев, не откривјќи го идентитетот на солунските Македонци, со презир констатира во весникот *Век* од 1874 год. дека: „г-н Едикој, г-н Незнамкој и г-н Познајкој, еднодушни неразделни со делово-дителот на Солунската Општина, кои проповедаат дека нивните деца не сакаат да учат на бугарски, туку на **македонски јазик**, и велат дека не се Бугари, туку **Македонци**“,[702] денес претставуваат драгоцени извори за македонскатаа историогрфија која низ 150-годишното негирње од страна на бугарските авторитети добива несоборлив доказ за постоењето на Македонците како самосвесен народ уште од втората половина на XIX век.

Дека Славејков и Салганџиев биле сосема во право за масовноста на македонското движење, чии претствници Славејков ги нарекол „македо-нисти“, зборуваат и фактите. Така, масовноста се одразила, пред сѐ, меѓу членовите, раководителите и видните луѓе на црковно-училишните општини во Македонија. Најголем отпор кон спроведувањето на бугарска настава по македонските училишта и расправии меѓу луѓето на Егзархијата и локалните

[701] Славейков, П. Р. „Македонскийт въпрос“. *Македонія,* г. V, бр. 3. Цареградъ, 18.1.1871: 2.

[702] Весник *Вѣкъ*, бр. 41. 19.10.1874: 3.

раководители на општините се забележани во Солун, Кукуш, Велес, Прилеп, Охрид итн.[703]

Во XIX век главна карактеристика на македонските преродбеници, учебникари и писмени луѓе, како што гледаме „многупати“ го слушнале Славејков и Бугарите, е феноменот на колективната меморија и изедначување на поимите Словени и Македонци, така што според нивното убедување античките Македонци всушност биле Словени и воедно дека и Македонците од XIX век биле нивните наследници.[704] Но тоа сфаќање не доаѓало од нивното незнаење, напротив, тие секогаш го натгласувале нивното заедничко потекло и од Александар и Филип и од Кирил и Методиј. Освен тоа, Македонците никогаш не можеле да го поврзат своето потекло со она на Бугарите дека потекнуваат од турански или татарски племиња, кое јасно го искажувале на Славејков и останатите бугарски преродбеници. Преку овие симболи преродбениците испраќале силна порака дека се свесни за своето минато и потекло и дека тие два супстрата, древномакедонскиот и словенскиот, се всушност проткаени и во нивната крв. Ваквото изедначување на овие два поими на македонските преродбеници од XIX век им било потребно и за да се одбранат подеднакво, односно да направат јасно национално разграничување и од Грците и од Бугарите, а подоцна и од Србите. Кога тврделе дека се Македонци, тоа го користеле Грците како факт дека всушност тие се дел од грчкиот народ.[705] Доколку овие преродбеници и револуционери тврделе дека се само Словени, тогаш веднаш биле искористувани од страна на Бугарите и Србите дека тие се словенска маса која зборува словенски јазик, сличен на нивниот, односно на еден од нивните дијалекти, која не е свесна за своето народносно потекло (аморфна маса) и „само е прашање на воспитување кај кого ќе се приклучат, Бугарите или Србите.“ Ваквите тези биле само добра основа или „отворање пат“ за остварување на натамошните експанзионистички цели.

Изворите кои се тука прикажани докажуваат дека македонските интелектуалци јасно се разграничувале од своите соседи и нивните експанзионистички политики со зачувување на македонското идентитетско име.

---

[703] Зографски, Д. - Абаџиев, Ѓ. - Митрев, А. - Керемиџиев, М. НИП „Илинден“. Скопје, 1951: 85-169.

[704] Токму затоа, во борбата против Македонците бугарската држава и Бугарската црква употребиле ново етикетирње, односно изјаснувањето на Македонците за „Македонци“ не значи ништо друго туку „гркомни“. Младеноски, Р. „Односот кон македонистите од XIX век кон античка Македонија“. *Годишен зборник*, 2013. Универзитет „Гоце Делчев“ - Филолошки факултет. Штип, 2013: 73-81.

[705] Младеноски, Р. „Односот кон ... : 73-81.

Во меѓусебната борба на пропагандите не ретко тие се обвинувале меѓу себе дека токму спротивставената пропаганда го измислила името Македонци. Така, во едно писмо на Славејков до бугарскиот егзарх ги обвинува „српската пропаганда и грчката“ кои без да му ги кажат на населението нивните задни мисли, му наметнуваат многу погубни идеи: „на пример дека тие не се Бугари, туку се Македонци...[706] Од друга страна, во белградскиот весник *Политика* може да прочитаме дека откриеното писмо на македонскиот војвода Павле Наумов до жителите на с. Тополчани во кое им вели: „Многу арно знаете браќа дека во Тополчани **нема Срби**, **нема Грци**, **ниту, пак, Бугари**. **Ние сме Македонци**“[707] - е всушност масло на Бугарите. Теоријата на македонизнот не е ново кај Бугарите, тие тоа го употребувале и го употребуваат, но само кон Србите во српските села, а кај егзархистите го утврдуваат бугаризмот...[708]

Паралелно со меѓусебните пропагандни обвинувања течеле и меѓусебни тајни и јавни спогодби за влијанија и поделби на Македонија меѓу трите држави. Впрочем, почнувајќи од 1861 година, Грција и Србија, а подоцна и Бугарија, но и други балкански држави, ќе потпишат низа меѓусебни договори кои на директен или индиректен начин ја засегаат идната поделба на територијата на Македонија.[709]

---

[706] Ристовски, Б. *Македонија и македонскиот народ*, 205.

[707] *Документи за борбата*..., 492; ДА ССИД - Фонд Министарства за спољне послове Краљевине Србије - Политичко - просветно одељење Ф. 1, ред.бр. 9/1907.

[708] „Из наших крајева једно писмо“. *Политика*. Београд, 10.2.1907.

[709] Миноски, М. *Македонија во билатералните и мултилатерарните договори на балканските држави 1861 - 1913*. Архив на Македонија, Филозофски факултет, Матица македонска. Скопје, 2000. Во периодот од 1904 до 1913 година биле потпишни следните договори: Српско-бугарски договор (12 април 1904); Српско-бугарскиот договор (13 март 1912); Српско-грчки договор (19 мај 1913); за поделбите на Македонија: Договор за сојуз меѓу Кралството Србија и Кнежевството Бугарија, потпишан во Белград на 30 март 1904 година; Договор за пријателство меѓу Кралството Србија и Кнежевството Бугарија, потпишан во Белград на 30 март 1904 година; Заклучен протокол на претставниците на Кралството Србија и Кнежевството Бугарија, потпишан на 30 март 1904 година; Договор за сојуз меѓу Бугарија и Србија, 29 февруари 1912 година; Таен додаток кон Договорот за пријателство и сојуз меѓу Бугарија и Србија, 29 февруари 1912 година; Декларација кон Договорот за сојуз меѓу Бугарија и Грција од 16 мај 1912 година; Воена конвенција склучена меѓу Бугарија и Србија, 19 јуни 1912 година; Спогодба меѓу бугарските и српските штабови на армијата, 19 мај 1912 година; Спогодба меѓу бугарските и српските генералштабови, 15 септември 1912 година; Воена конвенција склучена меѓу Бугарија и Грција, 22 септември 1912 година; Заклучен протокол за склучување Договор за сојуз меѓу Грција и Србија, потпишан на 22 април/5 мај 1913 година; Воена конвенција склучена меѓу Кралството Грција и Кралството Србија, потпишана на 1/14 мај 1913 година; Договор за мир меѓу Турција и балканските држави сојузнички, 17/30 мај 1913 година; Договор за сојуз склучен меѓу Кралството Србија и Кралството Грција, 19 мај/1 јуни 1913 година; Воена конвенција склучена меѓу Кралството Грција и Кралството Србија, 19 мај/1 јуни 1913 година.

СРЕДСТВА, ИНСТРУМЕНТИ И МЕТОДИ НА СТРАНСКИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО МАКЕДОНИЈА И НИВНОТО НЕГАТИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИДЕНТИТЕТСКОТО ИМЕ

„На разбудениот народ му се пеат приспивни песни“ - Милован Витезовиќ

Во периодот од крајот на Источната криза во 1878 година, па сè до 1912 година на меѓународната сцена избило „македонското прашање“. Токму во времето на народносното будење на Македонците околу тоа прашање силно се наметнале три концентрични кругови на интерес коишто го задушувале тоа будење. Најширокиот круг го сочинувале интересите на Големите Сили, односно интереси на влијанија како што се оние, пред сè, на Русија и Австро-Унгарија, а потоа на Велика Британија, Германија, Франција. Потесниот круг на интерес го сочинувале младите балкански држави, чиишто погледи ги свртеле кон нивното територијално проширување во Македонија, пред сè, Бугарија, Србија и Грција. Третиот круг на интерес ѝ припаѓа на Османлиската Империја, која се трудела по секоја да ја задржи власта врз Провинцијата Румелија и во нејзините рамки Македонија. Во самиот центар на интересите биле Македонците и нивната револуционерна организација, кои силно притиснати од интересите на соседите, Големите Сили и Османлиската Империја, изнаоѓале патишта за остварување на својата национална слобода. Македонсата кауза во ваквите околности изгледала како невозможна мисија.

Во писмото од 1887 год. на Коста Групче и Наум Евро до претставниците на Големите Сили се вели: „Романија, Србија, Грција и Бугарија не мируваат и интригираат, а полето на нивните интриги е нашата татковина Македонија, која поради важноста на својата географска положба... ги електризира срцата на речените државници и поради тоа непрестајно се бунтуваат и претендираат на нашата татковина како законити наследници... за да се искорени тоа треба да се искоренат тие илузии..., а тоа може да го направи само македонското население, кое треба да му објави на светот дека е посебен народ со посебна историја, нарави и обичаи и дека нема ништо општо со околните државици. Па според тоа, никој нема право да претендира на Македонија и таа им останува на Македонците.“[710]

Од горниот цитат станува јасно дека на Македонците им било совршено јасно дека последиците од странските пропаганди немаат ништо добро за овој народ и дека самиот тој треба да се избори за да се ослободи од нив. Но македонскиот народ, историски и географски, се нашол во средината

[710] *Документи за борбата на македонскиот*..., 277-278; Дипломатски архив - Савезни секретаријат иностраних дела, Београд, Посланство, Цариград, Ф. 1/1887.

на сите тие експанзивни шовинистички политки на Балканот. За реализација на тие цели овие држави подготвувале свои средства, инструменти и методи со кои настапиле на теренот на Македонија.

До 70-тите година од XIX век најголемиот отпор Македонците го дале кон грчката пропаганда која се ширела веќе со векови преку Грчката патријаршија, особено по укинувањето на Охридската архиепископија. Потоа, тежиштето на борбата се пренела против бугарската пропаганда од самото нејзино појавување на македонскиот терен, и на крајот, борбата против српската пропаганда да земе силен замав кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Имено, по Берлинскиот конгрес во 1878 година, Србија се соочила со новата реалност која била сосема спротивна на нејзините тежненија за проширување. Нејзината стратегија за обединување со Србите кои живеат во Босна и Херцеговина наеднш се претвориле во невозможна мисија како резултат на окупацијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија. На источната граница од Србија се појавува новоформираното автономно Бугарско Кнежевство и полуавтономното кнежевство Источна Румелија кои во 1885 година се обединиле. Ситуацијата за Србија уште повеќе се искомлицирала по поразот кој го доживела во војната против Бугарија, чијшто повод бил токму бугарското обединувње. Притесната од север, запад и исток Србија, наеднаш прави голем пресврт во својата надворешна политика со стратегија за проширување кон југ, односно кон Косово и Македонија, со крајна цел пробивање кон Егејското Море и Солун.[711]

Токму од периодот на создавањето на бугарската држава во 1878 година започнала жестока пропагандна војна на Бугарија, Грција, Србија, а подоцна и Романија на теренот од Македонија. Уште во 1872 година, кога Балканот го посетил Ернест фон Хесе-Вартег (1851 - 1918) забележал голема борба на пропагандите за Македонија, и тоа го објавил во неговата книга *Балканските држави и нивните народи* во 1917 година. Националните пропаганди од соседите кон Македонија, изразени преку политиката, религијата, училиштата и бакшишот, има цел да ги привлече Македонците на своја страна.[712] Овие негови забелешки ќе останат основни принципи за функционирањето на странските пропаганди во Македонија, со тоа што, за жал, во примањето на „бакшишот“ учествувале во следните 3 децении и странски научници, политичари и публицисти со цел да ги штитат интересите

[711] Јелавич, Б. *Историја* ... : 413-442.

[712] Ошлис, В. *Гермакедонија: Студии* ... : 22; Von Hesse-Wartegg. E. *Die Balkanstaaten und ihre Völker*. Regensburg, 1917: 46.

во меѓународната јавност на некоја од овие три пропаганди, за што ќе стане збор понатаму.

По завршувањето на т.н Источна криза (1875 - 1878) на балканската и на европската сцена се актуелизира „македонското прашање“. Впрегнати се сите државни потенцијали на трите држави за да ја остварат нивната крајна цел - обновување на нивните средновековни држави, и тоа најмногу на теренот од Македонија. Државите, иако сиромашни, не жалеле милионски суми од нивните државни буџети за пропагандната активност на теренот од Македонија за т.н. „лов на македонските души“. Авторот Кирилов во една опсежна новинарска статија од 1903 година дава голема анализа на историјата на македонското ослободително дело од 1878 до 1903 година, со посебен осврт на дејствувањето на странските пропаганди во Македонија и последиците од тоа и во врска со тоа вели: „Положбата во Македонија е зачудувачка, целата земја е покриена со илјадници училишта и други различни образовни институции: бугарски, српски, романски, грчки, а исто така и различни мисионерски (американски, француско-католички, германско-протестантски), италијански, турски итн.

Просветен систем	**Број на училишта**	**Број на ученици**
Егзархиски	1143	63 763
Патријаршиски	1443	83 810
Српски	226	8432
Католички/протестантски	26	775
Вкупно:	2838	156 780

Како што дејствуваа странските пропаганди на теренот од Македонија така и вршеа и значајни пропагандни активности и врз македонските печалбари, ученици и студенти кои престојуваа во нивните држави. Имено, тие ги имале списоците на македонските печалбари и преку нивните служби барале и им се заканувале дека нивната егзистенција ќе биде доведена во прашање доколку не ги убедат нивните најблиски членови на семејствата во Македонија да се изјаснуваат како Бугари, Срби или Грци.[713] Слично било и со македонските ученици и студенти коишто биле во постојан судир со тамошните власти по секоја нивна јавна појава дека се „Македонци“.

[713] За конкретни примери на методите на притисок кои се вршеле врз Македонците во Србија и Бугарија повеќе во: Светозаревиќ, Б. *Српската и бугарската црковно-училишна пропаганда во Тетово и Тетовско, 1860 - 1903*. АМ, Матица македонска. Скопје, 1996.

Кога станува збор за **грчката пропаганда** во Македонија, и таа има свои промени во начинот и формите на дејствување. Грчкото духовно и просветно влијание има најстари корени во Македонија. Но не треба да заборавиме дека под такво влијание биле и другите православни народи на Балканот, кои, повеќе или помалку, воделе борба за сопствената народна еманципација во однос на Грчката црква, јазик и писменост. Во Македонија грчкото влијание дошло до израз по укинувањето на Охридската архиепископија од 1767 година, а нејзината јурисдикција потпаѓа наполно под контрола на Цариградската патријаршија. Набргу, речиси во сите епархи низ Македонија, биле поставени нови грчки владици.[714] Во прилог на ваквата грчка доминација било турското законодавство, па во нуфуз-тефтерите сите христијани во Европска Турција ги третирале како „рум милет", односно Грци. „Според нив, само народите што имале своја црква можеле и официјално да се нарекуваат со своето народно име."[715] На таков начин и македонското име кое се употребувало со векови меѓу народот и во Европа не се стекнало со „право на граѓанство" во османлиското општество, а Грчката патријаршијата започнала со отворање грчки училишта низ Македонија, па и низ целиот Балкан. Уште од крајот на XVIII век грчките фанариоти воделе жестока борба против словенското население и применувало различни методи за негово грцизирање. Грчкиот владика во Велес, Игнатиј, ги изгорел сите словенски книги и стари ракописи на коишто наишол при неговата обиколка на Епархијата, а во 1792 година скопскиот митрополит Захарија издал наредба да се уништат книгите на црковнословенски јазик во Марковиот манастир. Истото тоа го сторил и грчкиот игумен на манастирот Св. Наум. Грчкиот митрополит Герасим уништил голем број словенски паметници во манастирот Трескавец. Димитар Миладинов во своите написи сведочи дека „...купишта ракописи по наредба на грчкиот архиерej послужуваат да се распалат печките ..." Во 1850 година гркоманот Наум Марин од Струга извршил едно од најголемите уништувања на стари словенски ракописи по наредба на тогашниот владика Дионисиј итн.[716] Според тоа, укинувањето на Охридската архиепископија директно се одразила и врз уништувањето на огромен број бесценети словенски ракописи од грчките владици назначени од Патријаршијата.

---

[714] Белчовски, Ј. „Историските основи за автокефалноста на Македонската православна црква". *Студентски збор*, 1986: 88-89.

[715] Истото, 86 - 87.

[716] Белчовски, Ј. *Историските основи*..., 87-88.

Во 30-тите години од XIX век Цариградската патријаршија целосно се ставила во функција на новоформираната грчка независна држава за отворање грчки училишта во земји каде што не живееле етнички Грци. Григор Прличев сведочи дека грцизмот се вгнездил во охридките училишта со векови наназад.[717]

Во 1844 година во Грчкото собрание за првпат се спомнала синтагмата „мегали идеја“,[718] чија главна порака била „соединувањето на слободните со неослободените Грци кои живееле во рамките на Османлиската Империја. Но оваа голема идеја на Грците со текот на времето добила големи размери во поглед на доктрината за територијалното и национално проширување на грчката држава и нација, кои кај одредени субјекти достигнувала размери поврзани со границите на некогашна Византија, а во таквата држава главен град би бил Цариград (Константинопол). Меѓутоа, проектираните граници на идната замислена грчка држава биле менливи, во зависност од политичките состојби на Балканот и Европа. „Мегали“ идејата поминала низ две фази, и тоа првата идеја на краен национализам остваруван преку „сегрчка крстоносна војна за целовитоста на државата“ и втората фаза, мошне попрагматична, која предвидувала постепено елинизирање на проектираниот простор за проширување на државата.[719] За идејата во поглед на проширувањето на грчката држава кон Македонија исто така влијаеле општенствено-политичките состојби во османлиската држава, влијанието на Големите Сили, пропагандните активности на соседните балкански држави и развојот на Македонската револуционерна организација и нејзиното дејствување на теренот. Од 1875 до 1881 година големогрчката проекција ја опфаќала целокупната територија на Македонија, без оглед на тоа кое население живеело во неа со векови наназад. Појавата на Бугарската егзархија во 1870 година, а потоа и создавањето на бугарската држава во 1878 година и анексијата на Источна Румелија кон неа во 1885 год. ја принудиле грчката политика да ја промени и стратегијата за проширувањето кон Македонија со голема дипломатска кампања во Европа, но во исто време границата на територијалните аспирации ги спуштила јужно од линијата Разлог - Неврокоп

[717] Македония, *Сборник*..., 376.

[718] Љоровски-Вамваковски, Д. „Грчката *мегали идеја* и османлиска Македонија - појава, дилеми и флуктации“. *Гласник*. ИНИ. Скопје, 2012: 71-88.

[719] Истото, 76.

- Мелник - Струмица - Воден - Преспа.[720] За остварување на своите цели во Македонија, Грција по Македонското/Кресненското востание ѝ понудила на Османлиската Империја соработка за борба против Словените. Имено, грчкиот министер за надворешни работи на Грција, Делијанис, на турскиот амбасадор во Атина во разговорот по ова прашање му изјавил дека грчката Влада била расположена за добрососедски односи со Цариград и за заедничка борба против Словените.[721]

Од 1881 до 1895 година Грција се насочила кон зајакната црковно-училишна пропаганда, но со појавата на Македонскиот врховистички комитет во Софија се поттикнало испраќање чети во Македонија за вооружени акции од страна на грчката националистичка организација „Етники етерија“ во 1896 год.[722] Најкрвавите акции, кои имале цел етничко чистење на Македнците и Власите кои го поддржале Илинденското востание биле во периодот од 1904 до 1908 год., кои несомнено оставиле големи последици по етничкиот состав на населението и во подоцнежниот пеириод.[723]

Пред појавата на **српската пропаганда** во Македонија посотеле трговски и културни врски уште во првата половина на XIX век, односно со создавањето на Српското Кнежевство. Македонците во тоа Кнежевство биле присутни преку емиграцијата која се движела кон Хабзбуршката Монархија, потоа македонските доброволци во српските востанија, па сè до трговските контакти. По формирањето на Кнежевството сè повеќе Македонци се школувале во Србија. Оттаму, во Македонија биле пренесувани учебници, но и разновидна помош за црквите и манастирите во Македонија. Нешто слично се случувало и со Бугарите кои сè уште немале своја држава. Сепак, кон средината на XIX век започнале и првите планови за проширување на српското влијание кон југ. За потребите на црковно-училишните општини во Македонија, покрај набавката на српски учебници, започнало ангажирање на српски учители, па така, во периодот од 1843 до 1860 година во велешкото училиште биле ангажирани 4 српски учители, [724] а во 1860 година еден учител во Тетово.[725]

---

[720] Истото, 81.

[721] Јовановски, Д. *Грчка балканска* ... : 169.

[722] Битовски, К. *Грчката „македонска борба“*. ИНИ. Скопје, 2001: 9-44.

[723] Истото, 57-288.

[724] Конески, Б. *Кон македонската*..., 15.

[725] Светозаревиќ, Б. *Српската и бугарскаса* ... : 12.

Српската пропаганда по војната којашто ја водела против Турција во првите години од Источната криза била во незавидна положба, но тоа не значело дека застанала во нејзината намера. По 1878 година Министерството за просвета и црковни работи и Министерството за надворешни работи на Србија започнале со издвојување значителни средства за пропаганда во Македонија и доаѓа до повторно интензивирање на активностите за отворање српските училишта, иако сè до 1893 год. ќе се води како „словенско училиште“.[726] Во тие години српската пропаганда имала променливи резултати, но севкупно не била задоволна. Дури и во тетовското училиште кое единствено преживаеало во Македонија по 1878 година, според нив, немало задоволителни резултати. Освен што називот му бил „словенско училиште“, Тетовската Општина ја зачувала својата самостојност во однос на пропагандите сè до 1887, со тоа што во училиштето биле поставени локални учители. Сето тоа не дозволувало туѓо именување на општините и училиштата. Но токму таа година била потпишана Конзулска конвенција меѓу Србија и Османлиското Царство, што резултирало со отворање на Скопскиот и Солунскиот, а идната година и Битолскиот конзулат. Веднаш по отворањето на Скопскиот конзулат биле преземени мерки за потчинување на Тетовската Општина.[727]

Првите конзули, Владимир Кариќ и Ѓорѓе Поповиќ, увиделе големи пропусти и проблеми во дотогашното работење на пропагандата. До 1890 година српската пропаганда во Македонија паралелно ја раководеле две гореспоменатите министерства. Министерството за просвета и црковни работи уште од средината на XIX век ги имало компетенциите врз просветните и црковните работи надвор од Србија и соработувало со Министерството за надворешни работи. Но ваквиот начин на работа предизвикал преплетување на надлежностите и се јавувале проблеми и недоследности во дејствувањето. Така, Одборот за училишта и учители во Стара Србија и Македонија, формиран уште во 1868 година, претставувал полусамостојна организација и не ги исполнувал целосно барањата на двете министерства. Овој одбор работел сè до почетокот на Српско-турската војна, а по завршувањето на кризата пропагандната дејност се одвивала преку Отсекот за српски училишта и цркви надвор од Србија. Бидејќи и ова тело не ги задоволувало целите на оваа пропаганда во 1889 година било укинато, кое дотогаш работело при

[726] Истото, 57.

[727] Истото.

Министерството на просвета и црковни работи, и е формирано Просветно политичко одделение (ППО) при Министерството за надворешни работи. Неговиот министер имал целосна контрола врз целокупната работа на пропагандата во Македонија, бидејќи сите конзулати му биле директно потчинети и притоа имал целосна координација со ППО.

Посебна грижа Министерството водело за питомците кои доаѓале да го продолжат школувањето во Србија, затоа што од нив се очекувало да произведат изградени српски кадри кои со својот авторитет успешно би ја ширеле српската пропаганда во родниот крај. Тие бесплатно се школувале, престојувале во пансионати, добивале стипендии, како и учебници и книги. Најчесто питомците од Македонија се школувале во поголемите градови во Србија: Белград, Ниш, Крагујевац и др. За девојчињата стипендисти од Македонија се водела посебна грижа. Во еден член од решението на Министерството надворешни работи од 1891 година се наредува следново: „Питомките на Министерството кои учат во женските училишта и кои се предадени на грижа на управителките на овие училишта треба да се сместат во куќи во кои се живее несомнено српски за да се отклонат незгодите кои би можеле да настанат поради тоа што досега не е водена голема сметка за нивното национално воспитување.“[728]

За што поуспешно водење на пропагандата министерот свикувал конзулски конференции. На тие конференции, покрај министерот, присуствувале и шефот на ППО и конзулите во Македонија. Крајната цел на ваквите конференции била подобрување на квалитетот и интензитетот на пропагандата. Земајќи ги предвид сите дотогашни искуства и проблеми со кои српската пропаганда во Македонија се соочувала, на Конзулската конференција во Белград во 1891 година се утврдени натамошните правци и задачи. По тој повод издадено е и решение на министерот М. Ѓорѓевиќ,[729] според кое, најпрвин е дефиниран делокругот на работата на секој од конзулатите и:

1) „...во границите на вака утврдениот делокруг конзулатите ќе посветуваат грижа за работите на пропагандата, покрај тоа што тие се грижат да не изгубат предвид ниедна појава во областа на пропагандата која е од нејзин интерес и покрај тоа што тие треба да бидат во што почеста врска и заемно да се информираат, со што би се овозможило пошироко познавање на состојбите и настаните, и својата

[728] ДАРСМ, МИД, ПП, М. 571, Ф.IX, бр. 971.

[729] Истото.

работа да ја управуваат по патиштата кои најсигурно ќе ги доведат до успех...;

2) бидејќи нашата пропаганда има исклуливо просветен карактер, нејзини главни средства се учителите, книжарите, свештените лица и агентите во нашата служба. А бидејќи конзулите се наоѓаат на самиот терен при пропагандата и се во непосреден допир со неа, најубаво можат да оценат во кои размери во одредени краишта треба да се служат со наброените средства, самите во границите на нивните парични суми кои ќе им се даваат на располагање ќе одредуваат колку агенти ќе земат во служби, колку свештени лица и каде мислат дека е потребно да се отворат книжарници, но со тоа што нивното поставување и отпуштање може да биде само со одобрение на министерот за надворешни работи. Тие за тоа ќе даваат предлози на министерот, колку пари кому треба да се даде, водејќи притоа сметка за вредноста на парите во одредено место за да не дојде до паѓање на моралот на самите платеници...;
3) на име трошоците околу парите на учителите, агентите, книжарите, свештените лица, земени во служба на пропагандата, а од сумата одобрена од Буџетот на МНР за 1891 година за подостојно застапување на државните интереси да се стават на располагање кај Скопскиот нонзулат...;
4) за вонредни трошоци да се стават на располагање кај Скопскиот конзулат 3000 динари...;
5) конзулатите да преземат потребни мерки за посрбување на црковните и училишните администратори во областите на пропагандата, црковните протоколи и формулари да се печатат на српски јазик и да се воведат во сите цркви каде што е можно. За извршување на тоа нека се договорат со Цариградското пратеништво кое ќе се извести одовде. Конзулатите овде - конзулатите, исто така, ќе изработаат формулари на училишните сведителства во форма која ќе се толерира во Турција..."[730]

Бидејќи Српската православна црква немала јурисдикција врз црквите во Македонија во тој период, српската пропаганда своето делување го насочила преку Цариградската патријаршија, поточно, преку намесните

[730] Истото. Овој текст е дешифриран во Историското одделение на Министерството на 22.3.1940 год.

митрополити. Најголем успех постигнале на територијата од Скопската митрополија. Посебно големи средства се трошеле на скопскиот грчки владика Пајсиј, кој бил голем сребролубец, а со Митрополијата управувал речиси три децении, сè до неговата оставка 1891 година.[731]

Ваквите субвенции продолжил да ги прима и неговиот наследник, владиката Методиј, до неговата во 1896 година,[732] којшто, додека бил владика, бил посебно наклонет кон српската пропаганда и отворено работел за неа.[733] Финансирањето на пропагандите во Македонија играло голема улога кога станувало збор за поткуп на високи свештеници, но и други влијателни луѓе. Скопскиот конзул Карић направил таков обид дури и со новоназначениот егзархиски митрополит во Скопје, Теодосиј, затоа што со право стравувал дека новиот владика ќе ја придобие сета епархија за Егзархијата. Таквата намера владиката Теодсиј ја одбил.[734]

По смртта на Методиј, српската дипломатија си постави највисока задача, да постави како патријаршиски митрополит во Скопје српски владика. Со големи проблеми и попречувања, најмногу од страна на бугарската пропаганда, сепак во 1898 година за администратор[735] на Скопската митрополија бил назначен српскиот владика Фирмилијан, а конечно во 1901 година ќе биде назначен и за патријаршиски митрополит на таа епархија.[736] И покрај големите проблеми со кои се соочувала српската пропаганда за поставувањето на Фирмилијан за скопски митрополит,[737] неговото делување имало огромно значење за продорот на српската пропаганда во Македонија. Тој веднаш во рамките на својата митрополија започнал со отповикување на дотогашните епархиски старешини и поставување нови од српска националност, како и други свештени лица и давал нови упатства за дејствување во спрега со српскиот конзулат во Скопје.

Сè до 1897 година српската пропаганда имаше малку можности за дејствување поради непресретливоста на Цариградската патријаршија која ги

---

731 Доклестиќ, Љ. „Српско-македонските односи во XIX век“. *Нова Македонија*. Скопје, 1973: 377-378.

732 Истото.

733 ДАРСМ, МИД ППО, Н 599, бр. 2500, 2502 - 2516.

734 Доклестиќ, Љ. *Српско-македонските*..., 377 - 378.

735 ДАРСМ, Ц.Д.И.А., М. 4315, Ф. 335, АЕ. 1. Д. 19. Бр. 125, 1898 г. бр. 432; Битовски, К. *Македонија и Кнежевството Бугарија (1893 - 1903)*. ИНИ. Скопје, 1978: 113.

736 ДАРСМ, МИД, ППО, М 678, Ф. IX, бр. 118, бр. 598.

737 Битоски, К. *Македонија и* ... : 231-236.

штителa, пред сè, грчките интереси. Во Солунскиот Вилает оваа пропаганда дотогаш не можела да отвори ниту приватни улилишта. По таа година започнало продирањето и во Солунскиот и во Битолскиот вилает, каде што и во претходните години навлегла, пред сè, во Кичевскиот и Дебарскиот Реон, нешто подоцна и во Прилепско и Битолско.

Во 90-тите години на XIX век српската пропаганда се обидувала да придобие нови генерации Македонци на кои им било ветувано дека ќе бидат стипендирани во српските училишта. Но веднаш се појавиле проблеми токму со генерацијата на новите преродбеници и револуционери. Всушност, меѓу овие стипендисти биле Дамјан Груев, Крсте Мисирков, Стефан Јакимов Дедов и плејада други македонски дејци, кои ќе бидат носители на најзначајните македонски културно-научни здруженија и организаторите на МРО и Илинденското востание.

Сепак, во однос на бугарската и грчката пропаганда во овие два вилаети српската пропаганда немала толку голем успех.[738]

По Илинденското востание започнала да се развива идејата за српска вооружена пропагандна акција. Повод за таа радикална промена е веќе постоечко присуство на вооружени чети на соперничките држави Грција и Бугарија, но и постоењето на Македонската револуционерна организација. Добра подлога за таквата иницијатива биле веќе воспоставените пропагандни дејствија на црковно-училишната пропаганда, создадените кадри и приврзаници во Македонија.[739]

И додека пропагандната војна на теренот од Македонија по Илинденското востание заземала сè поголеми размери, Србија преземала еден нов чекор преку убедувањето на светот за постоењето на т.н. „аморфна маса“ на словенско население во Македонија, односно „се појавува во сурова состојба, почеток на извесна претстава за македонските Словени, која неколку години подоцна српскиот географ и етнограф Јован Цвијиќ[740] ќе ја формулира, давајќи ѝ доктринско достоинство во т.н ’теорија на колеблива маса‘, според која, како спротивност од вкоренетата тенденција Словените од Македонија да се гледаат како[741] Бугари, се тврди дека тие, главно, претставуваат агломерат кој може само делумно да се идентификува (во споредба со

738 Доклестиќ, Љ. *Српско-македонските*..., 389-396.

739 Миноски, М. *Македонија и Србија (1878 - 1944)*. Скопје, 2010: 150-186.

740 Во цитираниот пасус стои „Цвиик“.

741 Во оргиналниот текст стои францускиот израз „tout - court“.

народите со кои се граничат и кои имаат потполно оформен индивидуален карактер)[742] и е составен од лингвистички и етнички типови кои преминуваат меѓу српскиот и бугарскиот..."[743] и дека „народната маса на македонските Словени нема одредена национална свест, нема самостојно историско минато" и зборува на јазик за кој постојат три мислења: дека е поблизок до српскиот, дека е посроден со бугарскиот и дека можеби е **самостоен јужнословенски јазик**."[744] Иако ѝ биле познати тенденциите на македонската интелигенција за создавање нов словенски литературен јазик, како и сознанијата на повеќе неутрални европски лингвисти за неговата посебност, суптилно и прилично успешно неговите „патриотски" намери ги прикрил зад неговиот научен авторитет за да може да се спротивстави на агресивната „научна" кампања од Бугарија предводена од Васил К'нчов.

Ваквата нова српска доктрина, преку авторитетот на светски познатиот српски географ, добила свои приврзаници и во европското јавно мислење.[745] Се чини дека Цвијиќ свесно се заложил себеси и својот авторитет во полза на големосрпската кауза, заштитувајќи го притоа својот научен габарит, не прогласувајќи ги Македонците за Срби, зашто за тоа немал научна поткрепа. Но, од друга страна, користејќи ги одредените сличности (јазични, обичајни, историски и сл.) меѓу двата народа отворил широко врата за одобрување меѓу неутрално заинтересираните Европјани да го гледаат македонското прашање низ призмата на Цвијиќевите „очила". Неговата книшка *Проматрања о етнографии македонских Словена* во 1906 и 1907 година била преведена на англиски, француски и руски јазик, станала лесно достапна не само на европската наука туку и на нејзината поширока јавност. Неговиот ангажман, всушност, успеал до некаде да ја убеди европската научна мисла дека при задоцнетата и попречената од соседните пропагнади слободна македонска национална мисла остава простор за која било од државите кои граничат со

[742] Ваквата квалификација „за потполно оформен индивидуален карактер" во претходните наслови на книгава видовме дека е во најмала рака спорен, со оглед на тоа што пред форимирањето на грчката, српската и бугарската држава, како и на територииите од нивните натамошни државно-територијални проширувања, во најголемиот дел од населението немало оформено таква свест за која пишувал Цвијиќ.

[743] Дого, М. *Динамитот*..., 130.

[744] Цвијић, Ј. *Македонски Словени: Проматрања о етнографији македонских Словена*. Београд, 1906: 7.

[745] Дого, М. *Динамитот*..., 131.

османлиска Македонија да имаат право на институционална и државна интервенција.

До појавата на Егзархијата главен носител на **бугарската пропаганда** во Македонија претставува Бугарското читалиште во Цариград. Еден од позначајните обиди за продор на оваа пропаганда во Македонија е формирањето посебната комисија при ова читалиште во којашто член бил и Петко Славејков. Специјална задача на комисијата било да преведе бугарски учебници на бугарско наречје, што би овозможило полесен продор на бугарската пропаганда во Македонија,[746] како што по извесен период истото ќе се обиде да го направи и Стојан Новаковиќ од српска страна.[747] Двата обиди докажуваат дека бугарскиот и српскиот јазик се тешко разбирливи за Македонците и посебно на македонските ученици и воедно двата обиди ја признаваат јазичната разлика.

Меѓу методите на бугарската пропаганда била и нејзината заложба да се избегнуваат какви било печатени докази за настојувањата на Македонците за нивна еманципација, како и бришење на нивното национално име и јазик. Тоа прилично добро им одело од рака сè до 1870 година, кога конечно во бугарските весници коишто се објавувале во османлиската држава не се појавиле написи напишани од Македонци коишто го бранеле своето македонско идентитетско име, својата македонска историја и својот македонски јазик.

Од 1870 година целата бугарска пропагандна политика ја водела Егзархијата сè до 1877, кога бугарскиот егзарх Јосиф бил протеран од Цариград.[748] Егзархијата со својата дејност продолжила во 1882 год.[749] Оттогаш главен финансиер на бугарската пропаганда во Македонија станала бугарската влада. Токму во истата година, тогашниот министер за надворешни работи на Кнежевството Бугарија, Константин Стоилов (1894 - 1899) спроведувал нова стратегија според која пропагандата морала да ги увери Македонците дека Кнежевството Бугарија е најприродниот активен заштитник на Македонија, а

---

[746] Ристовски, Б. *Столетијата*..., 100.

[747] Тодороска, К. - Јордановски, К. *Македонски буквар*. Менора. Скопје, 2008; Џамбазовски, К. *Културно-општествените врски на Македонците во Србија во текот на XIX век*. ИНИ. Скопје, 1960; Стаматоски, Т. *Во одбрана на македонскиот литературен јазик*. Скопје, 2001 и др.

[748] Димевски, С. *Историја на македонската православна црква*. Македонска книга. Скопје, 1989: 492.

[749] Истото.

кај Македонците да се развие бугарско национално чувство.[750] За постигнување на тоа тој предлагал да се употребат следните средства: 1) просветување (училишта) во најшироки размери; 2) една добра организација која ќе нѐ држи во тек со сите работи во Македонија и да е во состојба во еден момент незабавено и успешно да ја пушти во дејство по цела Македонија и Албанија заповедта што би дошла од кнежевската Влада; 3) поврзување на мрежата на бугарските железници со македонските. Реализирањето на оваа програма од кнежевската Влада требало да врви рака под рака со Егзархијата.[751] Овој документ е како програма за акција на бугарската пропаганда во Македонија. Кнезот оваа програма ја одобрил за којашто биле предвидени и средства која бугарската држава ѝ ги одобрила на Егзархијата за нејзината дејност во Македонија и другите делови на Балканот.[752]

Егзархијата продолжила со водење на црковната и училишната пропаганда, со тоа што била должна да поднесува извештаи за својата работа и да добива согласност за нејзините планови од Министерството за надворешни работи за назначување тројца свои митрополити во Македонија. При подготовката на проект-правилникот за уредување на управувањето на црковно-училишните општини во Македонија, што било искористено од министерот за внатрешни работи и вероисповед, К. Стоилов, при изработката на Програмата за пропагандно дејствување во Македонија, која во јануари 1883 година му ја поднел на кнезот Батемберг, стои и тоа дека: *секој Македонец треба да е вдахновен со мислата дека во Софија се грижат за неговата судбина, за неговата сегашност и за неговата иднина*. Целта на Владата на Кнежевството е кај населението во Македонија да пробуди и да развие чувство на бугарска национална самосвест.“[753]

Реален застој во работата на бугарската пропаганда во Скопската егзархиска митрополија се појавил со назначувањето нов митрополит, Македонецот Теодосиј Гологанов во 1890 год. Веднаш по неговото назначување започнал со смена на членовите на Епархискиот совет, бугарските свештеници и бугарските учители, и со назначување нови кои биле

---

[750] Битоски, К. *Македонија и кнежевството*..., 113.

[751] Истото; *Годишникъ на университета Св. Климент Охридски*, том XXXVII. София, 1941. Арнаудовъ, М. *Константинъ Стоиловъ и Българската Егзархия въ 1882 год.*, 13 - 23.

[752] Битоски, К. *Македонија и кнежевството*..., 113 - 114.

[753] Миноски, М. *Македонија во билатералните* ...: 289; Лапе, Љ. *Одбрани текстови* ...: 266.

блиски до неговите идеи за возобновување на Охридската архиепископија, врз македонска национална основа во посебна македонска држава.[754]

Во 90-тите години од XIX век драстично се зајакнала бугарската пропаганда во Македонија. Владата на Стамболов, во рамките на Егзархија како единствено дотогаш бугарско легитимно тело, формирала специјален училиштен оддел со што се постигнала поголема пропагандна активност. Во мандатот на следната Влада (1894 - 1898) предложена е нова програма на бугарската пропаганда: „...во Македонија и во Цариград да се создаваат посебни агитатори на бугаризмот од редовите на Македонците, во Македонија да се испраќаат учители од Бугарија, а учители од Македонија да се испраќаат во Бугарија најмалку по 4 години.“ Народното собрание за таа цел одобрило буџетски средства во висина од 5 500 000 франци кои Егзархијата требало да ги употреби наменски: 1) за поткуп на видни турски чиновници - 2 500 000 франци; 2) за поткуп на видни турски чиновници во Македонија 800 000 франци; 3) за поткуп на македонските чорбаџии по градовите и селата 150 000 франци; 4) за агитатори (агенти) 84 999 франци итн.[755]

Во училиштата низ Македонија македонските деца биле воспитувани во духот на туѓите култури и јазици. Тие учеле во училиштата дека се Грци, Срби и Бугари, тие принудно ги учеле јазиците на овие народи, нивните култури и обичаи. Статистичките податоци изнесени од страна на соодветните просветни системи во Македонија на крајот од XIX век покажуваат мошне развиена мрежа на пропагандни училишта и широка опфатеност на македонски ученици во нив, односно во вкупно 2838 училишта учеле 156 780 ученици.[756] Ваквите бројки укажуваат дека во споредба со некои земји во Европа од тој период просечниот број на ученици на 100 жители во Македонија (8,7) бил повисок од Италија (8,2), Романија (5,9), Србија (4,0), Финска (3,9), Грција (3,7), Русија (3,3) итн.[757]

Во исто време, не помалку финансиски средства се трошеле од буџетите на овие три соседни држави за докажувањето на територијалната и на народносната припадност на Македонците и Македонија кон секоја од

[754] Белчевски, Ј. „Автокефалноста ...: 123-128; Трајановски, А. *Црковната организација*..., 186-233.

[755] Трајановски, А. „Политиката на Бугарската егзархија во Македонија (1870 - 1893)“. *Историја*, 2. Скопје, 1980.

[756] Анастасовски, Н. *Борбата за македонскиот идентитет 1870 - 1912*. Скопје, 2012: 388-391.

[757] Истото.

овие држави пред европската и светската јавност. Ваквите засилени и агресивни пропаганди завршија со 4 крвави војни во првата половина на XX век. Во тие, речиси 7 децении (1878 - 1944), биле создадени грамадни записи за докажување на етничката припадност на македонското население, и денес, истите материјали, кои биле продукти на пропагандите, ни се нудат како „крунски докази“ за тоа дека Македонците биле всушност Бугари, Срби или Грци - Славофони.

Сер Томас Комин-Плат во неговата книга *Турчинот на Балканот* (1904) за пропагандите во Македонија се чини дал најсликовито објаснување: „Македонската политика може да се собере во еден збор - ’пропаганда‘. По целата должина и широчина на земјата нема селанец кој не е предмет на пропагандно влијание - влијание кое ја пронижува целата земја, на север, југ, исток и запад, и е причина за горчлива омраза меѓу разни националности кои постојат денес. За да се испита подлабоко во состојбата на нештата, мора да се има на ум дека зборот ’раса‘, како што имплицираат терминитe Грк, Србин или Бугарин, нема многу значење кога се зборува за Македонец.“[758] Понатаму овој автор напишал: „И така, се случува зборовите како ’раса‘, ’националност‘, ’лоза‘ или кој било израз што е најсоодветен за разликување меѓу Македонец и остатокот од балканскиот свет, да го изгубат својот вкус, резултира со тоа што селанецот е подготвен да ја прифати секоја националност како своја, под услов аргументите доволно веродостојни да напредуваат во процесот на преобразба.“[759]

Александар Амфитеатров за дејствувањето на странските пропаганди во Македонија смета дека: „Бугарите со своите заложби ги надминаа сите свои соперници. За да стане Македонија бугарска, потребно беше Македонците да се побугарат. Затоа, по Бугарско-српската војна од 1885 година, бугарскиот владин организам ги впрегна сите сили за бугаризација на македонските Словени.“[760]

По формирањето на МРО во Солун во 1893 год. Бугарија се соочила со нова реална пречка за остварување на нејзините крајни цели, со оглед на тоа што крајната цел на МРО била автономна Македонија и затоа таа го добила и називот „Внатрешна“, која и во својата програма се изјаснила за борба против странските пропаганди. Бугарската Влада на Константин Стоилов побрзала да

[758] Comyn-Platt, T. *The Turk in the Balkans*. London, 1904: 33.
[759] Истото, 34.
[760] Амфитеатровъ, А. *Македонія и младотурки*, 1912. https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/03/1912_AB8.jpg.


создаде од многубројната македонска организација во Бугарија, воена организација која ќе се спротивстави на Македонската организација. Основачкиот конгрес на таа нова организација се одржал во март 1895 година во Софија, а целта била „добивање политичка автономија за населението на Македонија и Одринско со поддршка од бугарските влади, а гарантирана од Големите Сили. Со организацијата раководел „Македонски комитет“, кој набрзо бил преименуван во „Врховен македонски комитет“. Врховниот комитет поставил цели за одвраќање на Македонците од независноста во дејствувањето и самостојна борба и да го претстави движењето пред меѓународните факори како бугарско. Притоа, целосната контрола на Комитетот била спроведувана од бугарските власти преку свои истакнати експоненти, претставници на македонската емиграција во Бугарија, и тоа најмногу од редовите на офицерските кадри на бугарската армија. Врховниот комитет со своето дејствување на теренот на Македонија во идните години и децении ќе предизвика несогледливи штети за успехот на македонското дело и големи непотребни човечки и материјални штети.[761]


Како резултат на 35-годишната национална пропаганда на овие три држави кои воделе битка за секој Македонец и територијална експанзија по т.н. Источна криза (1875 - 1878), па сè до 1912 година, во изворната документација којашто е приложена во натамошниот текст препознаваме две групи. Првата, во која голем број извори зборуваат и повеќе пропагираат за тоа дека „македонските Словени“ биле Бугари, Срби или Грци-Славофони. Втората група извори обилуваат со податоци дека луѓето се изјаснувале како Македонци, коишто за разлика од предходните не се продукти на туѓи пропаганди, туку нивното природно народносно сознание го црпат од своите предци, односно колективната меморија на Македонецот. Но и таквите извори, каде што се прикажани македонските посебности, во дел од балканските пропагандни памфлети се прават обиди за негирање со објаснувања дека авторите на таквите документи во минатото направиле грешки од типот: „може само да кажеме дека и ние мислиме дека ова раширување на значењето на ’Македонија‘ е ’македонска‘ грешка.“[762]

---

[761] Миноски, М. *Македонија и Бугарија* ... : 111-117; Пандевски, М. Д. *Внатрешната македонска теволуционерна организација и неоврховизмот, 1904 - 1908*. Култура. Скопје, 1983; ЦК на ВМРО (об.); *Предавниците на македонското дело*. Култура. Скопје, 1983.

[762] *Отаџбина, законодавство и владаоци српски XIV века*. 5.1.1888: 313.





THE TURK IN THE BALKANS

Bulgarians and Turks. The peasant, therefore, may well be excused if he has lost count of his true ancestry.

And thus it happens that such words as "race," "nationality," "lineage," or whatever be the expression most suited to differentiate between a Macedonian and the rest of the Balkan world, have lost their savour, with the result that the peasant is ready to adopt any nationality as his own, provided arguments sufficiently plausible are advanced in the process of conversion.

But there is a political side to this extraordinary phenomenon, which is not less bewildering. Of late years the different Balkan races have conceived a "national idea," or rather, a host of politicians have inspired their followers with dreams of former greatness. Servians, Greeks, Bulgarians are reminded of the extended empire of their forefathers, the necessity of returning to the same order of things is advanced, and Macedonia is claimed as the heritage of each.

In the ordinary course of events these aspirations would be best furthered by means of agitation and public meetings. Such methods, however, are, and always have been, strictly forbidden by the Sublime Porte. Consequently the ambitions of the various Balkan States are advanced, under cover of "missionary enterprises" or "propagandas," which, although political in their ends, are religious and educational in their methods. It therefore happens that, to-day,

34

Книгата на Томас Комин-Плат *Турчинот на Балканот* од 1904 год.[763]

Врз првата група против Македонците дејствувале организирани државни и црковни системи со разработени методи и инструменти. Бугарија, Србија и Грција вложувале огромни средства, не само за дејствување на македонскиот терен туку исто толку и на широка пропаганда низ Европа, „докажувајќи“ преку безброј предавања, книги, брошури, етнички карти, прилози во весниците и организирана дипломатска активност дека Македонците, всушност, биле припадници на нивната народност. Главната цел била подготвување на теренот на Македонија за натамошна територијална експанзија на овие држави. За нивните цели биле потплатувани или придобивани странски фактори, а, за жал, во таа игра влегле и дел од научниците. За жал, денес тие документи, литература и личности кои биле продукти на пропагандите во Македонија ни се претставуваат како автентични

763 https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/02/1904_Sir-Thomas-Comyn-Platt-The-Turk-in-the-Balkans-London-768x1189.jpg

прикази на времето. Македонската наука јасно ги разграничува тие пропагандни продукти на големодржавните аспирации од соседните држави, имајќи го предвид фактот дека кај балканските народи постоела и меѓусебна солидарност. Таа се изразувала преку учеството на Македонците како доброволци во востанијата на соседните народи, но и обратно, доброволци - припадници на соседните народи во македонските востанија.

На втората страна бил обичниот македонски народ кој сè уште се борел за својот гол опстанок. Неговата новорастечка интелигенција се школувала најчесто во соседните држави во кои македонските ученици имале посебен третман од овие влади, кои ги индоктринирале, внесувајќи им туѓо национално чувство. На многумина од нив тоа им успевало, но многумина од нив преку тие туѓи училишта ги согледувале разликите меѓу Македонците и соседните народи во јазикот, наравите, обичаите, историското наследство, колективната меморија итн. Така се случувало тие македонски преродбеници да бидат принудени да се школуваат во двете или во трите држави на соседните народи, чиишто политички елити негувале шовинизам кон Македонците и Македонија воопшто. Италијанскиот историчар Марко Дого проникливо констатира дека „револуционерната појава била на социолошки план врзана за растечките и разочарувачките очекувања на една генерација Македонци на кои невооружената фаза на пропагандите им понудила незамисливи можности за образование, но не и соодветен професионален излез.“[764] Во едни такви околности, овие наши интелектуалци ги користеле сите можности во овие држави, ризикувајќи ги своите кариери, економски опстанок, па дури и своите животи и животите на своите семејства, да ја искажат вистината за својот народ и држава. Тешките услови за национално дејствување неретко ги приморувало да бидат и претпазливи во своите настапи, при што ја користеле спротивставеноста на големодржавните интереси на трите држави меѓусебно. Така, во весниците македонските автори се појавуваат со псевдоними, некаде со своите имиња и презимиња, пишуваат статии во весници од една држава против антимакедонските ставови во весниците или публикациите на другата држава, а некаде, доколку им се укажувала таква прилика, директно, одлучно и јасно ги изразувале своите ставови во полза на македонската кауза. Таквите, според непријателите на македонската кауза, „испади“ на македонската интелегенција завршувале и со забрани за публикување, запленување на испечатени материјали, палење

[764] Дого, М. *Динамитот и полумесечината*. Македонска книга. Скопје, 1990: 52-53.

книги и, се разбира, остри заканувачки и навредувачки написи по весниците. Од страна на властите некои од нив биле клеветени, затворани, интеренирани, дури се организирани и ликвидации на таквите Македонци. Таков пример е оној на Димитар Сакеларие в. Поради неговите македонски ставови бил наклеветен од Егзархијата, бил уапсен од турските власти и испратен на присилен престој во родното Калјари, но ресенските учители Иван Стрезов и Ѓорѓи Велјанов само за неколку дена во градот и околијата собрале 485 потписи за молбата од ресенчаните до валијата во која се барало признавање на македонскиот национален индивидуалтет и ослободување на Секаларие в. Наместо тоа, властите ги уапсиле двајцата учители - организатори на петицијата, Стрезов и Велјанов, па населението од Ресен организирало уште една петиција за ослободување на тројцата нивни учители.[765] Вториот пример е оној поврзан со дејноста на митрополитот Теодосиј Гологанов, којшто заради своите јасно изразени македонски позиции, исто така е наклеветен од Егзархијата, па е сменет и протеран од митрополијата во Скопје, а потоа интерниран во некој манастир во Источна Бугарија.[766] Третиот пример е игуменот на Лешочкиот манастир, Хаџи Езекил, којшто заради своето македонско народносно чувство и како поддржател на митрополитот Теодосиј Гологанов за обнова на македонската Охридска архиепископија, бил ликвидиран.[767]

Горенаведените податоци јасно укажуваат на тоа колкави милионски суми биле вложувани и какви инструменти и методи биле користени за лов на македонските души од страна на соседните држави за да се нарекуваат обичните луѓе во Македонија себеси Бугари, Срби или Грци. Таквите наметнати туѓи имиња најчесто не ги добивале посакуваните резултати на пропагандите. Италијанскиот политичар, пратеник и градоначалник на Фиренца, Франческо Гвичардини, проучувајќи ги етничките и верски карактеристики на македонското население во Скопје 1903 година, ќе забележи дека: „...наименувањето Срби или Бугари, повеќе отколку две

[765] Димевски, С. „Некои форми на здружување на македонското граѓанство и интелегенцијата во 80-тите години на XIX век“. *Годишник*. III, 1. Институт за социолошки и политичко-правни истражувања. Скопје, 1977: 200.

[766] Димевски, С. *Митрополитот скопски Теодосиј - живот и дејност (1846 - 1926)*. Култура. Скопје, 1973: 174-184.

[767] Светозаревиќ, Б. *Српската и бугарската* ... : 44 - 46; Светозаревиќ, Б. *Осврт кон националната дејност на игуменот Езекил во Лешочкиот манастир (1878 - 1898)*, 2. ИНИ. Скопје, 1998: 137-145; Станоевски, Ц. *Како* ... : 69-73.

националности, означува две различни партии што ја делат една и иста националност.“[768] Истиот впечаток го дели и српскиот дипламат Симиќ уште 1897 година. Во рефератот на овој српски дипломат до Министерството за надворешни работи на Кралството Србија за состојбата на пропагандите и односот на Македонците кон нив, меѓу другото, стои: „Свест за народност српска или бугарска нема или ако и некаде почнала да се чуствува е развиена до слаб степен; повеќе се чуствува неодредена отколку јасно да се сфаќа..., јас, пак, не губам предвид дека во Македонија за имињата Срби и Бугари не се врзуваат предавството и идеалите. Повеќе со нив се одбележуваат партиите што клонат, макар и од кои и да е побуди, кон Србите или кон Бугарите, па затоа изгледа дека борбата што меѓусебно ја водат има повеќе партиски, отколку национален карактер. И самите Македонци како да ја сфаќаат таа борба така, а не поинаку.“[769]

Дури овие држави влегоа во големи крвави војни за заграбување на што поголеми македонски територии, најпрвин влегле во сојуз, а потоа поведоа и меѓусебна војна. Во тие војни најголема жртва било македонското население. Многумина од тоа население доброволно или присилно се изјаснувало како такво.

Но во следните текстови и документи се прикажани многу сведоштва од странци кои поминувале низ македонските села и градови и се среќавале со обични луѓе - од деца до старци, мажи и жени, се среќавале со ученици, комити, земјоделци, свештеници или печалбари кои се изјаснувале дека се Македонци. Тие Македонци, не само што не примале никакви пари ниту постоела институција или држава која на тоа ги наведувала, напротив, таквите луѓе коишто се изјаснувале за Македонци биле напаѓани, навредувани, мачени, исмејувани, судени, дури и физички ликвидирани. Во тоа е, всушност, зачудувачката сила и волја на народот за својот опстанок и за зачувување на своето вековно и милениумско име.

Токму заради овие причини македонските интелектуалци понекогаш применувале компромисни тактики и биле принудувани во своите текстови да прават одредени отстапки со кои ќе ги задоволат и барањата на редакторите на тамошните весници и нивните политики за да можат да ги пренесат во пишана форма нивните заложби за посебноста на нивниот народ; на пример,

[768] Доко, М. „Претставите за Македонија на Запад во XIX и XX век“. *Гласник*, 1. ИНИ. 1987: 117.

[769] Светозаревиќ, Б. *Српската и бугарската* ... : 89-90; Доклестиќ, Љ. „Српско-македонските односи во XIX век“. *Нова Македонија*. Скопје, 1973: 437.

во српските весници или документи може да сретнеме термини за Македонците како Србо-Македонци, во бугарските како бугарски Македонци или во Грција Грци-Славофони. Сепак нивните противници и таквата терминологија ја препознавале како непријателска и во своите написи не штеделе груби зборови со закани за овие Македонци кои сакале своја „посебна нација“, „посебен јазик“, „сопствена држава“ и „сопствена црква“ и најчесто ги повикувале соодветните органи на тие соседни држави да преземат „мерки“ кон овие Македонци.

Во следните приложени документи, покрај ваквите примери, посебно ги нагласуваме оние записи кои се зачувале до денешен ден, а во кои експлицитно се назначени македонската народност или нација. Ваквите текстови предизвикувале жестоки полемики во сите соседни држави. Така, една група македонски ученици кои учеле во Србија се организирале на македонска народносна основа. Тие дури започнале со објавување весник со македонски содржини. Тоа било доволен знак за српските власти да ги протерат од училиштата. Насетувајќи го моментот, бугарските агенти им ветиле на овие Македонци дека можат слободно да одат во Бугарија и да продолжат со нивното школување и национална дејност. Откако дошле во Софија, по кратко време, нивното разочарување било уште поголемо, а заради нивните македонски активности биле приведени и од полицијата. Таков пример се секако жестоките полемики предизвикани од списанието *Лоза* на Младата македонска книжевна дружина во Софија, чиишто написи се најдоа во повеќе бугарски, српски и грчки весници. Таа полемика и реакции во овие весници ни дава вистинска слика за состојбите во кои се бореле Македонците за афирмација на нивниот народносен идентитет кон крајот на XIX век. Нивниот современик, Крсте Мисирков, во врска со дејноста на Младата книжевна дружина ќе напише: „Мислата за национално обединејње на Македонците иако под мацката бугарцка, се зафати во 1890 година. Во крајот на 1889 година се префрлија во Бугариа 30 до 40 души ученици и студенти Македонци од Белград во Софиа. Тие ученици сет душата на сите собитиа во Македониа од тогај до сега. Они беја запознајани со Србија и Бугарија, со нивните култури и цели во Македонија... По нивна иницијатива, првин се образува во зафатоко на деведесетите години једно национално сепаратистичко движејне со цељa да се одељат интересите на Македонците од бугарцките со возведувајне на једно од македонцките наречја на степен на литературен јазик на сите Македонци. Орган на тоа сепаратистичко движејне

на Македонците во Бугарија беше журнал *Лоза*.“[770] Еден од приведените лозари во бугарската полиција бил Дамјан Груев.

Во 1912 година, во очи на Балканските војни и поделбата на Македонија, токму генерацијата на македонски интелектуалци кои на својата кожа најмногу ги почуствуваа последиците од странските пропаганди во Македонија подготвиле едно „Писмо од Битола“ од 15 август 1912 год., коешто му е предадено лично на Александар Кон, руски општественик и публицист, и во кое целосно ја пренеле сликата за состојбите со пропагандните дејности на балканските држави во Македонија. Во него, меѓу другото, стои: „...и така, во Македонија вештачки се создадоа, покрај грчката пропаганда, уште две - бугарската и српската. Во последно време... и романската пропаганда. До појавувањето на бугарската и српската пропаганда Словено-Македонците секогаш велеа дека тие се Словени и никогаш не се наречуваа Бугари, Срби или Грци; учеа тие по грчки или словенски, но си зборуваа на чист словено-македонски јазик... Кога веќе споменативе методи не ги постигнуваа целите, тогаш во Македонија се појавуваат вооружените бугарски, грчки и српски чети и со груба сила и со оружје враќе ги тераат Македонците да преминуваат од една нација во друга. И тогаш започнува вистинското братоубиствено истребување на Македонците. Сега сметките се собрани, жалната слика е на лице; речиси четвртина од Словено-Македонците се истепани, се исклани од Турците, а еден дел се иселија во Америка, Србија Бугарија и Грција...“

Во продолжетокот на ова писмо се напишани и чекорите за отстранување на „оваа несреќа“: 1) енергично застапување на братска Русија во полза на Македонија; 2) уништување на бугарската, српската и грчката пропаганда во Македонија; 3) отворање училишта на словено-македонски јазик; 4) востановување црковната независност (автокефалната словено-македонска црква во Охрид); 5) слободен развиток на македонската самосвест, т.е на свеста дека Словено-Македонците се еден и неделив народ; 6) во името на... љубовта кон својата татковина македонската интелигенција еднаш засекогаш мора да ја прекине срамната продажба на својата совест и чест на бугарските, српските и грчките пазари; 7) широка внатрешна самоуправа на Македонија.[771]


Сепак, голем дел од научниците, публицистите и патописците од Европа, кои не дозволувале некој да ги придобива или потплатува, пишувале

[770] Мисирков, К. П. *За македонците работи* (мак. изд.), 71.

[771] Весник *Гражданинь*. Петроградъ, 16.12.1912: 3-5.

за постоењето посебен македонски народ, посебент македонски јазик, посебна македонска култура, за посебната македонска Охридска архиепископија. Овој корпус на извори не само што ги потврдува овие факти туку и ни дава јасна слика и за отворената борба на Македонците против овие три моќни пропаганди и борбата против османлиското владеење преку организирани национални востанија и буни. Истиот тренд на борбите на пропагандите, дури уште пожесток, е со појавата на вооружените пропагандни чети на теренот од Македонија по Илинденското востание сè до Првата балканска војна.

Странските претставници, особено на оние држави кои имале свои конзулати во Македонија, оставиле драгоцени извори за историјата на Македонија и Македонците. Тие педантно ги следеле сите аспекти на животот на вилаетите на османлиска држава. Околу етнографските прашања најголемиот дел од нивните извори ги пренесуваат податоците врз основа на официјалната поделба во Империјата, па Македонците се прикажувани според тоа на која призната црква или „милет“ односно народност ѝ припаѓале. Сепак, и покрај таквата официјална поделба, некои од конзулите во Македонија, стремејќи се да ја прикажат за потребите на нивните влади што пореално етнографската слика на Македонија, ги прикажале Македонците и како посебен етнос од блиските на него народи, како што се Бугарите и Србите. Така, некои дипломати од овие конзулати за да ги разграничат Македонците од другите ги нарекувале, Словени, Македоно-Словени или Македонци, што секако оди во прилог на тоа дека и во овој период Македонците се препознавале како посебен етникум. Особено е важно што во извештаите на британските, австроунгарските или руските конзули се нагласува и влијанието на пропагандите кои влијаеле врз неприродната поделба на населението во вилаетите на Македонија. Така, афирмацијата на македонската посебност одново добила поддршка во екот на најжестоките пропагандни активности на Бугарија, Грција и Србија на теренот на Македонија, кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Дел од таквите извештаи ги пренесуваме во натамошниот текст на овој труд.



ИЗ НАШИХ КРАЈЕВА.

Једно писмо.

Битоља, 10. фебруара.

Бугари су отпочели полако свој ствари занат, који су за једно два месеца били прекинули — сигурно зато да би после са што јачом силом напали. Нарочито су се окомили на Српско село Тополчан.

Некакав Бугарски војвода Павле Наумов послао је 28. пр. м. једно писмо селу Тополчану, које гласи:

„Браћо Тополчанци,

Чим прочитате ово писмо потпуно смо уверени да ћете се мало освестити и да ћете се пробудити из дубоког сна, јер сте ви заспали таквим сном, да сте заборавили шта је човечанство. Ја вас непознајем добро, од кад сте постали Срби, али сам се зачудио кад сам сазнао да сте Срби, врло добро знате браћо, да у Тополчанима нема Срба, нема Грка, нитк пак Бугара. Ми смо Македонци. Србија за Србију. Грчка за Грчку и Бугарска за Бугарску. Сваки ко шта ради то ће му и бити. Значи да оно што ко заради својим знојем, то му је слатко, као што је наша ствар. Ако тражите другу државу, да нам заповеда, онда добро нам је и Турска знајте браћо, да ће нам под другом државом бити много горе. Као што сте се заклели да радите за народну ствар, не треба да се откажете до каји крви; не треба да заборавите крв наше браће, коју су пролили у низу толиких година. Врло је жалосно и срамно пред народом и целом Европом, јер зна Европа где има Срба. Нетреба да се називате Србима, а сетите се како говорите са својом децом у кући, јер је сам уверен, да неизговарате ни једну реч српску, а незаборавите какви су били наши оцеви и дедови. Дакле какви смо из старине то смо и данас, а према томе нисмо Срби, ни Грци, ни Бугари. Погледајте околна села па онда како се ви можете назвати Србима. Жалосно је браћо што смо много прости, те се због те простоте све нагомилало на наше главе. Зато што вам Срби сада дају по коју пару, ви се варате са вашим шупљим главама. Немојте да се варате што вам дају по коју пару, они ће вам кад кад продати све што нај милије имате. Овде нема Срба, те према томе Срби овде немају место за рад. Срби треба да раде тамо где имају своје људе, тамо на Косову што називају „Стара Србија". Пошто немам потребе да вам што друго пишем, уверен сам да сте све разумели и даћете се осветити очекујем брзи одговор.

28-I-1907 год.

Павле Наумов".

Ето тако веле овај нови крволок српски. Ово је писмо интересантно по томе што се у њему проповеда лажна теорија, које се Бугари држе, кад год им ствари овамо добро не иду. У овоме писму обраћа се пажња да они нису Срби. У Тополчанима нема гркомана, нити пак бугараша, него чисто 65 српских кућа, а што им овај Наумов препоручује да се угледају на остала села, то им наређује да признаду Егзархију и да буду бугараши, јер јужно од Прилепа управо у Битољском Пољу ово је једино село које се поред толиког терора држи Српства, а околна су села сва под егзархијом. Теорија о „македонизму" није код Бугара ново, они су то и пре употребљавали и употребљују, али само према Србима и српским селима, а код егзархиста утврђују бугаризам. Нека би Бог дао да се и они заблудели Срби — којих хвала Богу нема много — освесте кад прочитају ово писмо, те да се откажу „македонизма", јер тиме Српству не чине услугу него велику штету. *Небојша.*

Српскиот весник *Политика* од 1907 год. го пренесува оргиналниот текст на писмото од војводата МРО, Павле Наумов, испратено до селаните на битолското село Тополчани, со коешто тој ги повикува жителите да се приклучат кон Организацијата затоа што тие не се ни Срби, ни Бугари, ни Грци, туку дека сите се Македонци. Српскиот весник ги обвинува Бугарите дека тие создаваат Македонци во, според нив, „српските села" во Македонија.

ИДЕНТИТЕТСКИ ПАРАЛЕЛИ НИЗ ПРИЗМАТА НА XIX ВЕК


Во жарот на пропагандната војна меѓу трите најголеми претенденти на Македонија, грчите, бугарските и српските автори се натпреварувале кој од нив ќе објави што повеќе докази дека македонското население било нераскинлив дел од нивната етнокултура. Во тие безброј наслови кои се печателе на различни европски јазици можат да се прочитаат најразлични цитати од патописци кои поминале низ Македонија и кои „сведочеле" дека токму нивните сонародници биле жители на Македонија, односно кога „идентитетските ознаки во голема мера биле плод на инерција втемелена врз

историската традиција за предосманлиските државни творби, а речиси и да немале врска со каква и да е самоопределба или себедоживување што важеле во тоа време“,[772] не бирајќи средства да го докажат тоа и кога нивните етноними означувале некаква религиозна или социјална категорија на население. Апсурдите одат до таму што за исти документарни извори од Русија, Австрија, Венеција итн., каде што се среќаваат терминитe „Македонија“ и „Македонци“, во литературата кај овие соседи по автоматизам си ги читаат и подразбираат како „Србија“ и „Срби“, „Бугарија“ и „Бугари“ или „Грција“ и „Грци“. Во литературата на овие соседни држави од XIX и XX век како „крунски доказ“ за нивното право врз Македонија го земаат владеењето на нивните средновековни држави на територијата од Македонија, односно Византија, средновековна Бугарија и средновековна Србија, притоа, не се кажува дека во периодите кога владееле овие држави со Македонија тие во својот состав имале мноштво средновековни етнички заедници и тие не претствувале никакви грчки, српски или бугарски етнички целини, туку биле територијални држави, а владетелите во средниот век си ги надодавале територијалните придобивки во своите титули. Врз оваа тенденциозна и ненаучна теза на овие балкански соседни пропаганди се поставуваат следните прашања: 1) дали кога Византија владеела со сите територии на Балканот повеќе векови значи дека сите на Балканот се Грци; 2) дали кога Србија за време на царот Душан владее со поголемиот дел од Балканот значи дека сите што живеат денес на тие територии се Срби; 3) дали за време на Симеонова Бугарија, која владее со огромен дел од Балканот, е доказ дека на тие територии живеат само Бугари и 4) во неколку векови поновата историја поблиска до нас, кога Османлиското Царство владееe неколку векови и со целиот Балкан е доказ дека сите на Балканот се етнички Турци?

Истите прашања треба да се постават и за јурисдикцијата на црквите. Средновековните патријаршии и архиепископии со своите надлежности покривале големи територии, население со различни етникуми. Од 1767 година на Балканот за православните верници во рамките на османлиската Провинција Румелија егзистирала само Цариградската патријаршија, која во својата основа била Грчка црква. Дали тоа е доволен доказ дека сите на Балканот се Грци, како што денес бугарските историчари се повикуваат на

[772] Ѓорѓиев, В. - Саракински, В. *Христифор Жефаровиќ: минатото во функција на националните идеологии*. Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Струмица. Струмица, 2020: 35.

основањето на Бугарската егзархија од 1870 година и нејзината црковна територијална јурисдикција врз Македонија ја злоупотребуваат како доказ дека Македонците се Бугари. Аналогно на таа бугарска небулоза, испаѓа дека неколку векови пред 1870 година Бугарите биле Грци; дотолку повеќе што Бугарите до 1830-тите години самите отворале исклучиво грчки училишта за своите деца.[773] Впрочем, и Бугарите поминале низ фази во кои соседите и пошироко од тоа ги негирале дури и во 70-тите години на XIX век. Во исто време, додека Македонците Егзархијата ги нарекувала „македонски Бугари“, Патријаршијата Бугарите ги нарекувала „бугарски Елини“. Американскиот весник *Утринска ѕвезда и католички мисионер* од Њу Орлеанс во 1872 година Бугарите ги нарекуваат бугарски Грци и ги обвинуваат за расколници од грчкиот народ.[774]



TURKEY.

The Bulgarian Greeks.—The schismatic Greeks in Bulgaria have just accomplished an act which is only the latest expression of the Nationalism which infects the whole communion. They have asserted their independence of the schismatical Patriarch of Constantinople, as the Russians and their co-religionists of Greece proper had done already. The Patriarch has made a stubborn resistance; in January last he excommunicated the three Bulgarian Bishops who had said Mass by way of a demonstration in a church interdicted by him. These Bishops, Server Pasha sent into exile at Konich, but he was obliged ta recall them on the demand of a delegate from the Bulgarians, and not only to recall them, but to allow the execution of an Imperial firman for the election of an Exarch, or independent ecclesiastical head, for the Bulgarians. The Patriarch was obliged to give way, but in the meantime he had held a Synod and excommunicated the three Bishops. One of these, Hilarion, Bishop of Loftcha, was among the three recommended in the Sultan's firman for election as Exarch, and he was actually elected. The Patriarch, however, refused to acknowledge the election of an excommunicated Bishop, and the matter was eventual-

Американскиот весник *Утринска ѕвезда и католички мисионер* (исечок) од Њу Орлеанс во 1872 година Бугарите ги нарекуваат бугарски Грци и ги обвинуваат за расколници на Грците, а сè е поврзано со неканонското признавање на Бугарската егзархија од страна на султанот.[775]

Всушност, станува збор за шизмата од страна на Цариградската патријаршија фрлена кон Бугарската егзархија како „неканонска“ и „црква создадена од султанот“ итн.

[773] Бойчева, В. *Българското* ... : 294.

[774] Expres.mk, „Бугарите биле ’бугарски Грци‘ и ’грчки расколници‘.“ *The Morning Star and Catholic Mesenger newspaper*. New Orleans, April 14, 1872: 11

[775] Истото.

И на крајот, бугарската историографија и политика често ги злоупотребува ставовите на поедини македонски интелектуалци или преродбеници кои во одредена фаза од нивниот живот се изјаснувале за Бугари или се изјаснувале дека зборуваат бугарски јазик за да „докажуваат“ дека сите Македонци се Бугари!? Ставовите на поединци, макар биле и истакнати, не му дава никому прво да ги генерализира и тие лични ставови да претствуваат еден цел народ. Ако го прифатиме тоа како такво, тогаш ставовите на одредени бугарски интелектуалци од Пловдив од XIX или XX век дека тие лично се чувствуваат како Македонци или дека христијните во тој дел на Бугарија се Македонци и дека Бугарите живеат меѓу Стара Планина и Дунав, ќе бидат доказ дека всушност Бугарите се Македонци!?. Ваквите ставови изворно се цитирани во натамошниот дел од книгава според хронолошки тек. Дури и на географските карти до 1490 година во Западна Европа Пловидив бил претствуван како центар на Македонија.[776]

СТАВОВИТЕ ЗА ИДЕНТИТЕТСКОТО ИМЕ НА ГЕНЕРАЦИИТЕ РЕВОЛУЦИОНЕРИ ОД МАКЕДОНСКОТО ДО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

„Роб е оној кој очекува друг да го ослободи“ - Поунд

На сите револуционерни македонски генерации по Источната криза во 70-тите години на XIX век, па сè до Втората светска војна (со исклучоци), „ѕвезда водилка“ им беше членот 23 од Берлинскиот конгрес кој предвидуваше автономија на Македонија. Тие никогаш не се бореле за Санстефанска Бугарија - фикција која нанесе многу штета со стотиците илјади жртви на бугарскиот и македонскиот народ во повеќето војни за Македонија. Кај генерацијата револуционери од 70-тите години на XIX век доминира народносната концепција, каде што на прво место се истакнувала слободата на македонскиот народ. Владо Поповски со право констатира: „Затоа и може да се каже, со широка аргументациска база,[777] дека македонското ослободително движење не било ниту иредентистичко во однос на која и да е соседна држава, ниту другоименско, туку државотворно и македонско.“[778]

---

[776] Матковски, А. *Грбовите* .... : 54.

[777] Поповски тука се повикува на основните документи произлезени од најзначајните народни востанија и народните органи: Правилата - Уставот на Македонскиот востанички комитет во 1878; Протоколното решение на Националното собрание на Македонија и Манифестот на Привремената влада на Македонија од 1880, односно од 1881 година; Крушевскиот манифест; Одлуките на АСНОМ, во: *Документи за борбата*..., том 1: 245-261, 265-269, 397-399; том 2: 590-602.

[778] Поповски, В. „Судирот меѓу македонскиот и и рускиот фактор по прашањето за формирање на македонската држава од Берлинскиот конгрес до Балканските војни“. *Гласник*, 50, ИНИ. Скопје, 2006: 29.

Генерацијата на „кресненците“ акцентот го ставила на етничката димензија на името Македонци. Тоа го препознаваме не само преку Уставот на Македонското востание туку и преку делата на најголемите водачи и идеолози на востанието, Ѓорѓија Пулевски и Димитар Поп Георгиев Беровски.

Појавата на Македонската револуционерна организација во 1893 година претставува неминовен одраз на сите претходни искуства и премрежја низ кои поминаа голем број македонски преродбенци и револуционери. Организацијата ја формира една нова генерација Македонци, претежно изродена во 70-тите години на XIX век. Тоа е генерација која ги памети и ги учела од своите претходници настаните поврзани со двете македонски востанија, Разловечкото и Кресненското во 1876 и 1878 година. Основачите на МРО и нивната генерација ги познавале лично сите дотогаш живи и активни македонски ајдути со кои активно ќе соработуваат во следното востание. Оваа генерација ги носела со себе и сознанијата и стремежите од претходниците за неостварената автономија на Македонија, па и тие, како и претходната генерација револуционери, цврсто се обединуваат околу таа можност како ѕвезда водилка.

Но основачите на МРО се разликуваат од претходните генерации по тоа што израснале во време на најжестоки туѓи национални пропаганди. Сите тие завршиле училишта каде што учителите ги учеле дека се Грци, Бугари или Срби. Голем дел од нив биле принудени да преминуваат од едни во други училишта и повторно да бидат разочарани од шовинистичките програми на овие соседни држави. Како средношколци и студенти жедни за нови знаења наместо да имаат можност слободно да се образуваат, размислуваат и дејствуваат како Македонци во овие соседни држави, тие биле следени, прогонувани, притворани со цел да се впрегнат во крвавата доктрина против својот народ. И на крајот, тоа е генерацијата на Македонци кои биле современици на започнатиот процес за разградување на македонското народносно ткиво како резултат на странските пропаганди. Тие биле сведоци каде што во исти региони, исти населени места исти семејства се појавила меѓусебната поделба на политички и национален план. Таа генерација, на дневна основа, била сведок на појавата на братска омраза и поделба каде што во едно семејство, под влијание на различните училишта и цркви, придружени со лични интерси, но и реални притисоци, Македонците се делеле меѓу себе. Тие ги согледувале кобните последици од претворањето на црквите од духовни во шовинистички центри. Во документите создавани во тие цркви

наместо списоци на верници се пребројувале луѓе и семејства на која народност припаѓаат. Лично согледувале како многубројната македонска печалбарска емиграција била под постојан притисок на тамошните државни институции; дека ќе им ги одземат имотите, дуќаните и работата доколку не ги натераат своите најблиски во Македонија да преминат од една во друга пропаганда.[779] Можеби најтешка последица од пропагандите била појавата и дејствувањето на самите продукти од пропагандите, односно врховистите кои како воени структури ја рушеле концепцијата за национална слобода на Македонците и со своите воени акции правеле несогледливи штети врз народот, исполнувајќи стратегии чија крајна цел била нова окупација на Македонија.

Според тоа, во едно такво, веќе во голема мера поделено општество, и идејата за автономија на Македонија имала разнишани позиции. Основачите на МРО биле сосема свесни дека носителот и реализаторот на една таква идеја ќе ја има против себе не само Османлиската Империја туку и трите соседни држави со големи империјалистички апетити кон Македонија. „Виктор Берар ја определил околу 1890 година неповратната точка во процесот на револуционерната радикализација на новите македонски генерации, одбележан со исчезнувањето на надежите за реформата, предизвикани од чл. 23 на Берлински конгрес.“[780] Речиси невозможната мисија овие храбри млади интелектуалци ја дефинирале во устав во којшто е јасно зацртана стратегијата за ослободување на нивната татковина. Според Уставот, Организацијата е наречена Тајна македонско-одринска револуционерна организација (ТМРО), која имала за задача да ги обедини сите заинтересирани за ослободувањето на нивната земја од турското иго со воспоставување на автономија на Македонија. Преку Уставот Организацијата ги повикува сите кои живеат на тие простори без оглед на народност и вера да се обединат околу Организацијата за реализирање на таа света задача, што укажува на неповрзаноста на револуционерното дело на Македонците со Бугарската Монархија.

Не постојат документи од Илинденското востание во кои неговото раководство се изјаснувало дека се бори за припојување кон Бугарија или кон која било друга држава. Напротив, официјалниот орган на МРО, весникот

[779] За разработените методи и инструменти на српската и бугарската пропаганда во Македонија види: Светозаревиќ, Б. *Српската и бугарската* ... : 57-85.

[780] Дого, М. *Динамитот и полумесечината*. Македонска книга. Скопје, 1990: 52-53;

Право во септември 1902 година, јасно ќе се изјасни за националните цели: „Внатрешната револуционерна организација ќе му даде на секој да разбере дека работи за единство и независност на Македонија како слободна држава на Балканскиот Полуостров. **Таа организација давала и во иднина ќе дава докази дека не е агент на ниту една од соседните држави, туку агент само на македонската слобода и независност.** Со таквите докази таа постепено ќе ги отстранува племенските разлики во Македонија и ќе ги го организира идниот, ако и разнобоен, но способен да се самоуправува мирно и тивко, **македонски народ**...“[781] Истиот весник во ноември истата година ја испраќа пораката од Организацијата до странските фактори: „Внатрешната револуционерна организација не може и не треба да се солидаризира се погледите на патриоти надвор од сферата на Македонија, зашто таа не може и не треба да го смета **македонскиот народ** за кал од кој може да се прави денес едно - утре друго, без да се плаши дека ќе се претвори во пепел и прав.“[782]

Младата македонска книжовна дружина на чело со основачот на МРО, **Петар Поп Арсов,** во нивното списание *Лоза* ќе објави во 1892 година: „Само еден силен отпор од наша страна може да нѐ зачува од грабливите посегнувања... Значи треба да се обединиме, да ги собереме во една општа моќна сила ако сакаме да ја зачуваме иднината на нашата татковина. Тоа треба да биде стремежот на секој чувствителен Македонец каде и да се наоѓа тој.“ Истиот П. П Арсов ќе го напише и ова: „’Народната‘ Егзархија совршено смислено се стреми да го ликвидира секое самостојно движење кај нас, на Македонецот да му одземе секаква можност да се занимава со повозвишени прашања, да нѐ окове во синџири за да нѐ разигрува како мечка и да нѐ води таму од каде што ќе добие поголем бакшиш!“ Третиот основач на Организацијата, **Иван Хаџи Николов**, околу основањето на Организацијата ќе го каже и ова: „И јас му се чудам на македонскиот дух..., цела Македонија, како еден човек, со трогателна еднодушност тргна зад нас, ни ја даде сета своја поддршка и својата морална доверба..., и велам: Македонци, вие не сте само херои, туку и светци, за вас сите жртви се заслужени.“ А апостолот **Гоце Делчев** во 1894 година предупредува: „Дали може да има друго место за еден Македонец освен Македонија? Дали има народ понесреќен од македонскиот? И дали има некаде пошироко поле за работа отколку во

[781] Вътрешната революционна организация. „Месни пречки“. *Право*, II/31 (39), 22 септември 1902: 3.

[782] Право, II/36 (44), 1 ноем. 1902.

Македонија?“ Војводите **Петар Манџуков и Михаил Герџиков** повикуваат: „Освестете се Македонци, стресете се додека не е доцна... покажете пред светот дека и вие сте народ, да се разбере дека сте достојни потомци на вашите славни прадедовци, докажете дека и во вашите жили тече ајдучка крв од старите шарски и пирински херои... При подготовката на теренот за востание војводата **Никола Петров Русински** 1901 година ги советувал македонските револуционери: **„**Ние сме Македонци. Можеби некој од нас ги симпатизира Србите, Бугарите итн. Но тоа нас не нè задолжува да им ги предаваме нашите народни интереси на оние кои ги симпатизираме. Јас, на пр., сум бугарски воспитаник, мајка ми којашто ме родила, доела, пеела, плачела, ми зборувала на истиот јазик на кој зборувам и сега, тој е бугарски, но јас работам за слободата на Македонија која робува со векови. Јас ја сакам нејзината самостојност и неделивост меѓу балканските државички кои спорат за неа... Но и покрај сè, според мене, Македонија не е ниту српска, ниту грчка, ниту бугарска, ниту турска.“

Борис Сарафов во 1902 година за еден српски весник изјавува: „Ние Македонците сме само Македонци, не сме ниту Срби ниту Бугари. Ги симпатизираме и едните и другите; кој нас ќе нè ослободи му благодариме, но нека знаат и Србите и Бугарите дека Македонија е само за Македонците.“ Истата година војводата **Никола Карев** му го пишува на Гоце Делчев и ова: „Да не чекаме слобода ниту од Грците ниту од Бугарите, ами сами ние Македонците да се бориме за нашата Македонија, што ја засилува Организацијата меѓу селаните и да не се споменуваат тврдењата дека сите Македонци работеле за присоединување на Македонија кон Бугарија или Грција.“ Дури и врховистичкиот војвода **Анастас Јанков** децидно се изјаснува: „Јас не сум Бугарин, туку Македонец и ѝ сакам на Македонија, пред сè, слобода и самоуправа. Тоа е целта на сите вистински Македонци...“ Истата година попот **Тома Николов,** еден од највисоките раководители на Кичевскиот револуционерен округ во револуционерната 1903 година, за лондонскиот весник *Дејли њуз* ќе изјави: „Така, гледате дека ние веќе направивме извесен почеток со Привремена влада на Македонија. Нашиот идеал е Македонија на Македонците и за него ние се бориме. Јас се надевам дека ова вие ќе ѝ го кажете на вашата англиска јавност. Востанието е македонско, вистинските ефикасни чети се македонски. Четите не доаѓаат од Бугарија. Тие доаѓаат од македонскиот народ. Тие ќе продолжат да доаѓаат сè дотогаш додека македонскиот народ ќе го поднесува лошото владеење на Турците.“ Во 1904

година, во писмото на војводата **Апостол Петков** до европските претставници во врска со нивниот повик за мирно предавање на оружјето од страна на македонските востаници, предупредува од последиците на таквиот потег и во продолжение нагласува: „Македонското население, гледајќи ги турските лажни ветувања, е спремно да ја лее својата крв со надеж дека еден ден ќе се здобие со очекуваната полна слобода и да го сметне од себе турскиот петвековен гнев. Зарем Македонецот не е човек да живее слободно? Зарем Македонецот не е слободен да го дише чистиот воздух и да му се радува на слободниот политички живот, како што се радуваат и слободните народи? Македонецот е веќе уверен дека сè дури се наоѓа под Турчинот ништо сигурно нема за него; тој не е сигурен за својот живот, не е сигурен за своите мили и драги дечиња, за честа на жената и своите ќерки, за својот имот итн. Таа несигурност го натера Македонецот да го земе оружјето в раце и да се бори со Турчинот.“ И додава: „Жално е пред очите на цивилизирана Европа Македонецот и потаму да робува..“ Во 1905 година војводата **Блаже Биринчето** ќе се обрати со зборовите: „Македонски борачи бевне и до крај ка се бориме за македонскиот народ, а не се бориме за Бугарија или за Србија и Грција, тија сат слободни и си живеат и си пијат по ладните меани, имат право да пијат оти побрго туриле крфта... Ако имала тука земија Србија, бугарска или грчка, требало да не чекат ние да умираме по планињето, но тие со војската да ја ослободеа Македонија, тогај можеа да барат српска земија, или бугарска и грчка. Сега ние от ними помош да не чекаме... Штом сме македонски војводи, за македонскиот народ треба да работиме...“ Во 1907 година војовдата **Павле Наумов** до селаните на Тополчани во неговото писмо јасно укажува: „Многу арно знаете браќа дека во Тополчани нема Срби, нема Грци, ниту пак Бугари. Ние сме Македонци.“ Во истата година **Јане Сандански** изјавил: „Сите што агитираат било во Македонија било надвор од неа врз основа на ослободување и обединување на Бугарите треба да бидат пречекувани непријателски од ВМРО, исто како што се пречекуваа од Организацијата српските и грчките агитации и чети. Треба да се работи за пробудување на свеста на масите дека тие се самостоен народ, дека имаат право на слободен живот и дека треба да се борат за извојување на својата слобода, без да се надеваат на туѓа помош, затоа што тие што би дошле да ги ослободат ќе дојдат всушност да ги заробат... Македонското прашање е неразлешливо ако се постави како бугарско прашање.“ А војводата **Петар Ацев** ги потврдува сите претходни изјави на македонските војводи: „Политичките

барања остануваат исти, добивање на саканата автономија без која Македонецот не ќе се почувствува слободен во својот живот...“ итн. Поопширно овие цитати се прикажани во насловот „Извори од 1870 - 1912 година“.

Ваквата недвосмислено изразена македонска народносна свест на македонските војводи изостанува во официјалните документи од Уставот на Организацијата, па сè до нејзиниот Мемоар по завршувањето на Илинденското востание, каде што се зборува за „македонското население“ или „македонските христијани“. Причината за тоа се наоѓа во фактот што извојувањето на идејата за автономија на Македонија била возможна единствено со ангажирање на сите народности кои живееле во Македонија и внатрешното обединување на веќе поделените Македонците по верска и национална основа наметнати од државата и странските пропаганди. Свесни за тоа дека туѓите пропаганди направиле голема штета врз народносното единство, националното прашање свесно го потиснуваат во втор план. Во сите нивни документи автономијата на Македонија е ставена на пиедесталот како решение за сите Македонци по род, без оглед на какво влијание потпаднале, но и како целосно решение за сите други припадници на народи кои живееле во Македонија во тој период. Само со ваков однос кон тоа чувствително прашање македонските идеолози и војводи се надевале на обединување на силите во Македонија за самостојно извојување на автономијата на нивната заедничка татковина како основен услов за народна интеграција, која подразбира македонска заедница која живее под јурисдикцијата на една држава без оглед на религиското и етничко потекло.

Ваквата нивна намера била исправна, а за тоа потврдуваат и највисоките научни, дипломатски и политички кругови на соседните држави кои воделе од перфидна до отворена војна со МРО. Бугарскиот универзитетски професор и претседател на Бугарската академија на науките, Иван Шишманов, ја познава и во 1903 година ја открива стратегијата на македонските лидери пред новинарот Гастон Рутие: „**По десет години, ако Македонија стане автономна, таму нема да постојат ниту Бугари, ниту Срби, ниту Грци, ќе постојат само Македонци**. Тие ќе имаат многу заеднички политички интереси, особено економски, што треба да ги создадат со својата неуморна работа ако сакаат да бидат независни од државите што се понапредни од нив и чие производство би го уништило нивното. **Значи, Македонија ќе биде независна и Македонците ќе останат Македонци. Ако**

Европа го мисли спротивното, таа греши; ако Бугарите сметаат на бугаризација на Македонија, тоа се илузии.“[783] Во времето на оваа изјава од Шишманов во Софија веќе била излезена од печат книгата на Крсте П. Мисирков, *За македонсцките работи*, па големите совпаѓања на изјавата на бугарскиот академик со ставовите прокламирани од Мисирков, зад кои веќе стои и Македонското литературно другарство, само ја надополнило неговата слика за вистинските намери на Македонците. Кога ваквата процена за македонското национално и државничко чувство ја искажува човек од врвот на бугарската наука и интелегенција, непосредно пред Илинденското востание, тогаш сосема е јасно дека за ова биле свесни сите релевантни фактори во Кнежевството Бугарија.. Од друга страна, како пандан на највисокиот претставник од бугарската наука, стои и една изјава од претседателот на САНУ и воедно ректор на Белградскиот универзитет, Александар Белиќ, кој тврди дека на Србија и Бугарија „**најпосле им беше познато и тврдењето на самите Македонци дека тие се подеднакво далечни и од Србите и од Бугарите. Сето тоа ги прогонуваше нивните одговорни политички кругови да ги напуштат старите патишта кои не ги донесе до целта ниту Србите ниту Бугарите, туку до неа да дојдат со договор за поделба на Македонија. Таа нова точка на гледиштата што ја гледаме во српско-бугарскиот договор**“,[784] говори за тоа дека највисоките политички и научни кругови во Бугарија и во Србија имале речиси идентични ставови, односно дека „афирмацијата на македонската нација“ во блиска иднина ќе значи загрозување на нивните територијални претензии кон Македонија, што ги приморало двете страни на меѓусебни „преговори за поделба на Македонија.“[785]

И по Илинденското востание целите на Македонската револуционерна организацијата останале исти и целосно го потврдуваат тврдењето на бугарскиот академик Шишманов и српскиот академик Белиќ. Имено, во Протоколот на Вториот окружен конгрес на Солунскиот револуционерен округ од 1905 год., меѓу другото, пишува: „Идејата за автономија нема успех кај балканските државички... Сите балкански државички, меѓу нив и Бугарија, Внатрешната македонска организација ја сметаат како свој опасен непријател.

---

[783] Матковски, А. *Македонија во делата на странските патописци*. Ѓурѓа. Скопје, 2009: 169-170; Routier, G. *La question macédonienne - on doit au people la vérité*. Paris, 1904.

[784] Белић, А. *Срби и Бугари у Балканском савезу и међусебном рату*. Београд: 98.

[785] Истото.

Нашата независност побудува омраза како кај официјална така и кај неофицијална Бугарија.[786] Организацијата треба да си постави две задачи: едната е да го подготви народот за револуцијата со која ќе го собори тиранското владеење, а другата е, подготвувајќи го за револуција, да го подготви (и) за неговиот слободен живот. И едната и другата активност треба да одат паралелно и никогаш да не биде едната на штета на другата...[787] Организацијата треба да се погрижи и за националното самосознание на Македонецот.[788] Според Марко Дого, истото или сличното мислење во однос кон националната ориентација го делел и британскиот новинар и хуманист Брајлсфорд, кој во Македонија престојувал во 1903 и 1904 год. „Тој открил дека автономистичките тенденции се засилиле дури до искажување на решителна антибугарска ориентација; дека исто толку се зацврстила конфесионалната неутралност на движењето, додека неговата етничка световност морала малку да отстапи во духот на времето, загадувајќи се со словенската, антигрчка, исклучителност; и дека самата револуционерна природа на движењето соодветно ја определила преродбата од тајна кон демократска организација, чија политика и програма ги диктира македонското мислење...“[789]

Врховниот комитет, Српскиот комитет и Грчкиот комитет, сите тие се орудија на денешните балкански државички преку кои ги постигнуваат своите завојувачки цели.[790] Истите одлуки се потврдени и на општиот Рилски конгрес.[791]

[786] *Програмски и статутарни документи на Внатрешната македонска револуционерна организација (1904 - 1908)*. Скопје: 162.

[787] Истото, 165.

[788] Истото, 170.

[789] Дого, М. *Динамитот и*..., 53-54.

[790] Истото.

[791] Миновски, М. *Македонизмот во илиденската епоха факти и аргументи*. Ројал арт. Скопје, 2020: 124-126.

ПРВИТЕ ПОЛИТИЧКИ СТАВОВИ НА ЗАПАДНИТЕ ЗЕМЈИ ВО ПОЛЗА НА ПОСЕБНОСТА НА МАКЕДОНЦИТЕ И НИВНОТО СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА РУСКИОТ ПРОЕКТ ЗА САНСТЕФАНСКА БУГАРИЈА

Враќањето на влијанието на Балканот на Русија се случило уште пред Лондонската конференција, кога се случиле превирањата во Србија 1862 година, којашто со помош на Русија ги отфрлила од својата територија турските гарнизони.[792] Таа година во Србија бил формиран посебен доброволен корпус од 3000 борци од јужнословенските земји, а Бугарите формирале одделна легија на чело со Георги Раковски и во Белград го основале Привременото бугарско начелство и неговитот орган, весникот *Дунавски лебед*. Во следните години Србија склучила сојуз со Црна Гора, Грција и со некои албански бегови, додека со Бугарите била постигната спогодба за заедничка борба и создавање заедничко Србо-бугарско Царство. Со македонските лидери Стојан Везенков, Димитар Поп Георгиев-Беровски, Иљо Малешевски, Константин Трпков и други постоела спогодба да кренат востание на знак од Србија.[793] Русија во сите овие настани имала големо влијание и поддржувала создавање балкански сојуз, но во таа насока Русија како свој балкански фаворит го избира веќе развиеното бугарско движење кое се состоело од мрежа бугарски револуционерни комитети, како и бугарските благотворителни друштва, но исклучиво на бугарска етничка територија, не и на македонска.[794] И така, не само што Бугарите добиваат силна поддршка, насоки и интензивна соработка со Русија, пред сè, преку Бугарското централно благотворително општество, туку и огромна и решавачка логистика за влијанието врз Портата преку рускиот пратеник во Истанбул, грофот Николај Игнатиев, за признавање од страна на султанот нов булгар милет во лицето на Бугарската егзархија со седиште во Истанбул.[795]

Иако Русија не успеала да создаде услови за нејзино подлабоко територијално продирање на Балканот, особено во правец на Мраморното и Егејското Море, со нејзината активна политика, пред почетокот на Источната криза, успеала да издејствува т.н. Рајхштатска тајна спогодба со Австро-Унгарија во јуни 1876 год. Спогодбата претставувала заштита на интересите кај двете страни во случај на распаѓање на Османлиската Империја на европска почва. Со спогодбата Балканот бил поделен, западниот на Австо-Унгарија и

[792] Поповски, В. *Руската и Советската*..., 26.

[793] Истото, 27.

[794] Истото.

[795] Истото, 28..

источниот на Русија. На Австро-Унгарија ѝ се признавала окупација на Босна и Херцеговина, и со тоа Русија ги жртвувала заложбите на Србија да се спои со Босна и Херцеговина, а со продорот кон Санџак да не се овозможи географско спојување меѓу Србија и Црна Гора. Русија го добила правото за окупација на Бесарабија, а во идната Бугарија било предвидено да се воспостави кнежевство, и тоа само на просторот од Балкан Планина до Дунав.[796] Со спогодбата била отворена вратата за новиот продор на руското влијание преку поттикнување нови востанија на Балканот и извршување силен притисок врз османлиската држава за натамошни попуштања.

Обидите на западните сили на Цариградската конференција (од 11.12. 1876 до 8.1.1877) преку внатрешни реформи да ја спасат стастус-кво ситуацијата на Балканот преку воспоставување меѓународна контрола и меѓународни сили не успеала. Несогласувањата со Русија најмногу се изразиле по прашањето со Бугарија, каде што причините за комплицирање „лежеле во претставата на западните сили дека Бугарија и Бугарите се руски сателит, најнадежен медијатор на руските интереси на Балканот и солидна руска позиција кон морските теснини“, како што впрочем и „Русија идната Бугарија и Бугарите ги планирала и ги разбирала на ист начин.“[797] Расправиите меѓу двете страни се воделе и по прашањето што се подразбира под името Бугарија и кои територии ги опфаќа таа. Поведувајќи се од сопствените интереси, Русија во бугарските територии ги приклучила и Македонија и Моравско, а, пак, западаните земји инсистирале да се прифатат критериумите според народноста, односно критериум на владеачкиот милет-систем, па така уште на таа конференција Македонија била растргната меѓу различните интереси. Русија го бранела ставот дека во Македонија живеат Бугари, за Англија живееле Грци, а за Австро-Унгарија живееле Албанци. Неурамнотежените ставови и различните интереси на крајот биле сведени на усогласувањето дека треба да продолжи одржувањето на османлиската власт на Балканот, со тоа што поимите Бугарија и бугарски простор да ги употребат во техничка и условна смисла и за територииите што не биле бугарски, реформите да бидат во административна, а не во политичка смисла итн. Според англискиот претставник Солзбери, „бугарскиот атрибут бил употребен и за областите што не ѝ припаѓале на Бугарија за да може тие да бидат земени при разгледување за реформи, бидејќи европското и јавното мислење, револтирано од турските масовни колежи и жестокости извршени во Бугарија, го изедначиле значењето

[796] Истото, 32.

[797] Истото, 34.

на поимите: жестокости, лоша администрација и бугарски територии.“ Исто така, Солзбери на споменатата седница изнел дека терминот „Бугарија“ (кој се употрбувал во наводници за неа) не означува регион чии граници биле определени.[798]

Иако мотивите на Русија за создавање бугарска држава биле првенствено поведени од руските инереси, нејзините заслуги во однос на тоа прашање се непобитни.

Поведена од мотивите, Русија со Санстефанскиот прелиминарен договор во март 1878 година се обидела преку формирањето голема бугарска држава, која ја опфаќала и целата територија на Македонија, своето реално воено-политичко влијание да го насочи до брегoвите на Егејското Море. Ваквата опција не била воопшто прифатлива за другите европски велесили, најпрвин поради реалниот страв од конторла на Балканот од страна на Русија, но и од себични причини, односно од аспирациите на нивното влијание на истиот геостратешки простор. Притоа, ваквите интереси биле бранети со аргументите дека на територијата од Македонија живеат македонските Словени, кои етнографски се разликуваат од Бугарите.

Како резултат на жестоката реакција на западните европски сили Санстефанскиот прелиминарен договор не е реализиран и во август истата година бил потпишан Берлинскиот мировен договор, со кој, меѓу многуте геополитички промени на Балканот било предвидено територијата на Македонија и понатаму да остане во рамките на Османлиското Царство со можност за создавање услови за автономија (членот 23).[799]

Ваквата можност за Македонија била образложена од западните европски сили со фактот дека во Македонија живее доминантно словенско население кое е различно од другите и има силни тенденции за создавање сопствена држава. Грофот Андраши, министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија, уште во мај 1878 година изјавил: „Ставете му знаење на Нелидов[800] дека нашата Влада воопшто нема да толерира едно широко Бугарско Кнежевство. Во Санстефанскиот прелиминарен договор воопшто не е зачуван етничкиот принцип. Според статистичките податоци со кои располагаме, нам ни е познато дека Бугарите и Србите ја населуваат земјата од Црното до Јадранското Море. Србите се протегаат на запад и на левиот брег на Дунав и Сава, додека Бугарите се протегаат од Дунав до Стара Планина.

[798] Истото, 36.

[799] *Документи за борбата*..., том 1, 237; Noradounghian, G. E. *Recueil d'Actes Internationaux de L'Empire Ottoman*, T. IV, (1878 - 1902). Paris - Leipzig - Neushatel, 1903: 32-33.

[800] Руски амбасадор во Цариград.

Територијата на Македонија е населена со разнородно население во кое **преовладува словенскиот елемент**. Меѓутоа, познато е дека во тамошното **словенско население** се јавува една силна струја која настојува да тргне по својот сопствен пат. Нашите интереси во поново време налагаат да навлеземе во Македонија и да излеземе на Егејско Море, користејќи ја наклоноста на **словенското населене и во Македонија.**"[801] Францускиот министер за надворешни работи во поглед на ова прашање изјавил: „Ние и понатаму стоиме на гледиштето дека **освен бугарскиот, постојат и други народи** на Балканскиот Полуостров, кои во догледно време треба да бидат ослободени... Нашата Влада остро се противи на Санстефанскиот прелиминарен договор."[802] Што се однесува до официјалната реакцијата на Велика Британија, најпластично објаснување дал бугарскиот публицист и јуришник на великобугарската политика во Македонија, А. Шопов, кој за тоа напишал: „Берлинскиот конгрес не ѝ даде автономија на Македонија и не ја присоедини кон Бугарија или кон Источна Румелија од едноставна причина што Англија цврсто застана на стојалиштето дека мнозинство на населението во Македонија не е бугарско. Па дури ни денес, во 1885 година, кога Европа би побарала македонското население да се определи и да каже на која народност ѝ припаѓа, уверени сме дека поголемиот дел од Македонија ќе ни летне од рацете, ако исклучиме две-три околии од Северна Македонија, **сите други Македонци се готови да дадат каков сакаш пишан документ дека тие не се Бугари**."[803]

На 24 април 1877 година Русија ѝ објавила војна на Турција, а на 22 јуни истата година 310-илјадна армија навлегла преку Дунав во османликста држава преку бугарска територија. Руската армија со себе ги покренала и балканските народи, и тоа 60-илјадна романска војска, војските на Србија и Црна Гора повторно стапиле во војна, неколку илјади бугарски доброволци и околу 2000 македонски доброволци на чело со македонски војводи. Единствено не се приклучила Грција која се плашела од словенскиот наплив и го чекала англиското застапништво.[804] Руската кампања се одвивала мошне успешно и брзо, и во ноември руската војска веќе била во близина на Истанбул каде што застанала пред морските теснини. Русија била внимателна да не

[801] Hof-und Staatarchiv Wien, Politisches archiv 38, Türkey, Karton 129.

[802] *Dokuments diplomatique*, t. 2, 431, 15.5.1878.

[803] Офейкоф, *Македония въ време на хиладягодишнината на св. Методий*. Пловдивъ, 1885; Шоповъ, А. „Материали за българското възраждение в македония". *Периодическо списание*, кн. 18. Средец, 1885: 440.

[804] Поповски, В. *Руската и Советската*..., 40-41.

предизвика воена реакција на западните сили, со што би ги загрозила големите воени успеси. Сепак, големата воена победа не ги намалила еуфоричните барања на Русија за Санстефанскиот мировен договор во март 1878 година, кога на географската карта била вцртана Голема Бугарија која зафаќала многу повеќе територија од бугарските земји и како таква би претставувала несразмерно голема балканска држава. Таквата руска креација за замислената голема бугарска држава била сосема нереална за неспремните и несамостојно ослободени Бугари, без никакво државно искуство и без никакво политичко-административно искуство и капацитет за интегрирање на повеќето народи кои живееле на територијата од така замислената држава.

Реакциите за Санстефанскиот мировен договор од Европа биле силни, особено голема вознемиреност имало во Велика Британија. Таму стигале информации и за руската пропаганда, т.е собирање петиции во Македонија за нејзино присоединување кон Бугарија. Во едно британско дипломатско писмо на Едвард Баркер до Аустен Лајард се вели дека: „Руските агенти се ангажирани во земјата и се обидуваат да добијат петиции по цела Македонија за да се приклучи таа кон Бугарија. Тие му велат на народот: '...ако останете надвор, вашата држава (и вие гледате што е тоа), ќе биде полоша отколку што беше порано, додека ако се присоедините кон нас и нашата кауза ќе ги добиете сите бенифиции што ќе потекнат од големото и силно Кралство под руска заштита'... Од друга страна, Грците и Турците собираат потписи за петициите против Бугарското Кнежевство..."[805] Русија морала да се согласи за нова меѓународна конференција во Берлин во јуни истата година, каде што било извршено значајно ревидирање на границите од новосоздадената бугарска држава.

Конечно, по завршувањето на Источната криза (1875 - 1881), рускиот император Александар III му дал предлог на рускиот дипломат А. И. Нелидов[806] за поделба на Македонија меѓу Србија, Грција и Бугарија.[807] Ваквата одлука на Русија ширум ги отворила вратите на трите балкански држави за подготовка на теренот од Македонија за нејзина конечна поделба. Бугарија добила силна руска поддршка за назначувањето егзархиски митрополити во Македонија.[808]

---

[805] British Museum, London, BMss Layard Papers, vol. LXXXIX, Add. 39.019, 186-187.

[806] Александар Иванович Нелидов (1835 - 1910), руски дипломат кој учествувал во изработката на Санстефанскиот мировен договор, амбасадор во Италија и Франција.

[807] Поповски, В. *Влияние*..., 102; Киняпина, Н. С. *Балканы и проливы во внешней политике России в конце XIX века (1978 – 1898)*. М. 1994: 78-80.

[808] Поповски, В. *Влияние*..., 102; Кирил, патриарх български. *Българската егзархия в Одринско и Македония след освободителната война 1877 - 1878*. София, 1969.

Во почетокот на 90-тите години од XIX век, кога Бугарија се зацврстила во Македонија, Русија одлучила да ја поддржи и Србија според милет-системот, односно да има свое влијане во северниот дел на Македонија, па така се појавил проектот „Фирмилијан“. Преку нејзините дипломати Русија издејствувала, со помош на цариградскиот патријарх и султанот, во 1902 гоина да се назначи за митрополит на Скопската патријаршиска митрополија српскиот митрополит Фирмилијан.[809] За оваа голема поддршка министерот за надворешни работи на Србија, Љубомир Каљевиќ, преку рускиот гроф М. Н. Муравјев, официјално се заблагодарил на Русија за „сите заслуги за признавањето на српската националност во Османлиската Империја.“[810] Сето ова укажува дека покрај заложбите на балканските држави за освојување на црковниот и националниот простор на Македонија преку милет-системот, решавачката улога за креирањето на поделбата на тие влијанија повторно била во рацете на Русија, којашто само ја спровела нејзината најнова политика на Балканот испланирана од царот Александар III.

Западните држави тешко се спротивставувале на руската политиката на овој терен. Сепак, и нивното влијание не останало без реални ефекти во Македонија. Членот 23 од Берлинскиот мировен договор прераснал во светла точка на крајот од македонскиот мрачен тунел, како сламка на спасот, но и ѕвезда водилка за генерации македонски револуционери и преродбеници во оставрувањето на конечното ослободување и афирмација на Македонците како посебна нација на Балканот. Членот 23 од Берлинскиот договор ќе биде составен дел од сите устави, правилници, прогласи и други официјални документи на различните револуционерни, организации, комитети и здруженија на Македонците, кои речиси едногласно ја отфрлуваа санстефанската фикција. Изречената мисла на британскиот премиер Вилијам Гледстоун - *Македонија на Македонците* - ќе прерасне во лозинка и парола на секој слободољубив Македонец, сè до конечното ослободување на Македонија во 1944 год. Кон крајот на XIX век во европските држави ќе пристигнат конечно и научните потврди за постоењето посебен балкански народ со името „Македонци“.

[809] Поповски, В. *Влияние*..., 102; Битоски, К. *Историја на Македонија*, том 3. Скопје, 2003: 38-59.

[810] Поповски, В. *Влияние*..., 103; АВПРИ. Ф. 151, Оп. 482 Д. 1011.ЛЛ. 187-188.

РУСКИТЕ ПОЛИТИЧКО-ДИПЛОМАТСКИ АКТИВНОСТИ ЗА БРИШЕЊЕ НА ИМИЊАТА „МАКЕДОНИЈА“ И „МАКЕДОНЦИ“ ЗА СЛУЖБЕНА УПОТРЕБА ВО ОСМАНЛИСКОТО ЦАРСТВО И ВО ЕВРОПА

Сè понагласениот интерес на Австро-Унгарија, но и на Германија за состојбите во Македонија за нивно политичко и економско влијание, ја приморало Русија да ја ревидира својата политика кон Балканот. Приближувањето на Бугарија кон Германија и Австро-Унгарија и особено што на чело од Бугарското Кнежевство бил Фердинант Сакс-Кобург-Готски и проавстриската политика на Србија и кралот Александар Обреновиќ, ја натерало Русија за ваквото ревидирање на нејзината политика кон Балканот. Токму затоа, заради нејзините крајни интереси околу Македонија, Русија се одлучила на еден значаен политички потег, „да се подготви создавање во фази православен сојуз за спречување продор на германските држави кон Егејското Море.“[811] Бугарија не отстапувала од реализирање на Санстефанскиот договор, па затоа руската дипломатија повлекла уште еден потег, со тоа што силно ја поддржала Србија со нејзината пропаганда во Македонија.[812] Британските дипломати во Турција будно ја следеле дипломатската акција на Русија на Балканот и силниот притисок врз Бугарија. Во еден извештај на британскиот дипломат Ц. Елиот пишувало дека амбасадорот Нелидов му дал до знаење на бугарскиот агент во Цариград дека проширувањето на Кнежевството не зависи од Софија, туку тоа зависи од Русија и дека Русија можела да се закани со укинување на Бугарската егзархија во Турција бидејќи „Егзархијата го шири бугарскиот јазик, кој, во суштина, не е ист како дијалектот во Македонија.“[813]

Русија внимателно ги следела и сите потези на МРО и во исто време ја плетела дипломатската мрежа против каков било обид за создавање автономија на Македонија. Во март 1897 година рускиот претставник во Виена, грофот Капнист, спроти патувањето на австро-унгарскиот император Франц Јосиф во Санкт Петербург, испратил еден прилог (документ на десетина страници без наслов) до министерот за надворешни работи на Русија, Муравјов, во кој е претставен еден аналитичен преглед за т.н. Источно прашање низ призмата на руските интереси. За разрешувањето на тој проблем Капнист препорачува конечна поделба на Македонија меѓу балканските

[811]Миноски, М. *Европските големи сили и македонското прашање 1893 - 1909*. Менора. Скопје, 2020: 69.

[812] Истото.

[813] Истото, 71.

држави околу неа, со тоа што „дележот на Македонија меѓу Грците, Бугарите и Србите би ги задоволил во доволна мерка овие балкански држави...“[814] Дури и преговорите на Бугарија со Грција за постигнување спогодба за Македонија, според изјавите на бугарскиот претставник и на егзархот, би била одобрена од Русија и евентуално од другите европски сили.[815] Крајната цел на Русија, со оглед на сите меѓународни околности поврзани со „македонското прашање“, било тоа да се стави во мирување, а таквата статус-кво состојба им одговарала и на другите европски сили додека не се појави поповолна прилика за која било од нив.[816]

Со Петроградската спогодба во април 1897 година, меѓу министрите за надворешни работи на Русија и Австро-Унгарија, било утврдено одржување на статус-кво состојбата на Балканскиот Полуостров додека тоа било можно, и со тоа двете сили „,го потврдиле својот непријателски однос кон македонското револуционерно ослободително движење претставувано од Револуционерната организација и долгорочно ја определиле судбината на Македонија.“[817]

Истата година во Македонија избива Виничката афера со која на јаве се покажа дека во Македонија постои организација која го подготвува народот за востание. Во декември 1898 година грофот Муравјов на рускиот дипломатски претставник во Софија Бахметев му испратил писмо во кое го информира дека „доколку сепак на македонските водечки дејци им успее да кренат востание во Македонија, тогаш од страна на Русија тоа движење нека не се надева ниту на сочувство ниту на помош. Напротив, Императорското правителство ќе биде писилено да им предостави полна слобода на репресивните дејствија на турските власти во правец на поништување во самиот зародиш на револуционерните замисли на Македонците, и во примерното казнување на главните основоположници на востанието.[818]

---


814 Дракул, С. *Руските дипломатско-стратешки контроверзи околу македонското прашање* ..., 367.

815 Миноски, М. *Европските*..., 71.

816 Истото, 69-76.

817 Истото, 76-77.

818 Поповски, В. *Судирот на македонскиот и рускиот фактор*, 88-89; Дракул, С. *Македонија меѓу автономијата*..., том 1: 259-261.



SAYS RUSSIA WILL NOT HELP THE MACEDONIANS.

Novoe Vremya Attacks Leaders of Agitation—Asserts Russia's Intentions Are Exclusively Peaceful.

LONDON TIMES—NEW YORK TIMES Special Cablegram.

LONDON, March 31.—The St. Petersburg correspondent of The Times says that the Novoe Vremya, having published a pessimistic article on Sunday belittling the effect of the Austro-Russian reform scheme in Macedonia and casting doubt on Turkish sincerity, returned to the subject yesterday in a very different tone, saying that no doubt the reforms would be introduced and strongly attacking the leaders of the agitation.

The Novoe Vremya now describes the reforms as adequate, and says it is only necessary for outside influences not to interfere in the work of pacification. It declares that the leaders of the agitation, with whom the inhabitants of Macedonia do not sympathize, are partly blinded by patriotic dreams and partly actuated by hopes of personal advantage. They do not want a peaceful solution, leaving Macedonia still subject to the Sultan, but desire to create an outbreak, hoping that Russia will assist as soon as Slav blood has been shed.

But, the paper insists, Russia's intentions are exclusively peaceful. It adds that those who think they can force Russia's hand and make her depart from the course she has chosen are the victims of cruel self-deception.

Статија на *Лондон тајмс* од 31.3.1900 год.: „Русија нема да помогне на Македонците“, во која се пренесува официјалниот став на Русија преку рускиот весник ,,Новое Времја“, дека нема да дозволи нејзино вовлекување во политичките состојби во Македонија.

Во 1902 година грофот Ламсдорф, новиот министер за надворешни работи на Русија, при неговата посета на Белград и Софија го потврдува ставот на двете страни дека Русија нема да ја помогне борбата за автономијата на Македонија и дека останува на ставот за нејзина поделба меѓу Србија и

Буагарија. Грофот Ламбздорф, заедно со највисоките соработници, специјалисти за балканското прашање, ја поставил платформата за постапување на својата дипломатија. Грофот Капнист, кој бил дел од оваа група, добил инструкции коишто ги препратил на дипломатскиот претставник во Белград, Чериков. Тие двајца ја доработиле платформата за работа на руската дипломатија во однос на македонското прашање: „1) точно да се определат границите на провинцијата Македонија, при што се укажува дека во неа не можат да се вклучат ниту вилаетите блиски до морските теснеци ниту Албанија; 2) да не се наруши тогашната нејзина поделба на вилаети и да не се обврзува од вилаетите во Македонија единствена провинција Македонија, бидејќи таа под такво име не се среќавала во договорите; 3) да не се допушти името (терминот Македонија, туку да се употребува името „трите вилаети“, со набројување (Солунски, Битолски, Скопски); 4) избегнувајќи го терминот Македонија, да се напушти и терминот генерал-гувернатор, кој често во врска со идните планирани реформи се споменувал од некои држави...; 5) да не се инсистира на создавање Централен совет за трите вилаети, бидејќи преку тој поим и таа институција се асоцира на формирање политичка единица што не била во план; 6) да се направела реформа и во имињата на милетите, со вклучување на серб-милет...“[820]

Признавајќи ја и спроведувајќи ја руската арбитража, Србија и Бугарија и официјално ја деноминираа Македонија со името „трите вилаети“ со нивно поединечно споменување, всушност се вклучиле во руската кампања да се неутрализира и оспори македонскиот атрибут и македонскиот политички карактер на ослободителното движење во Македонија раководено од Внатрешната македонска револуционерна организација.[821] Како конкретен пример за таа реализација бил и договорот што во 1904 година го склучила со Турција со кој се обврзува да ги спречи македонските комитети да работат против неа.

За бришењето на имињата Македонија и Македонци од документите во рамките на Османлиската Империја, но и во Европа, грофот Ламбздорф на 7 февруари 1903 година му испратил телеграма на кнезот Урусов во Париз дека со министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија се договориле да повеќе не се употребува терминот Македонија, кој асоцирал на политичка единица, туку наместо Македонија да се употребува терминот „трите турски вилаети“, а наместо терминот Македонци да се употребува терминот

[820] Истото, 93-94.

[821] Истото, 91; АВПРИ. Ф. Оп.482. Д. 2629. Л. 21-31.

„христијанско население на трите турски вилаети“, бидејќи Македонците, според Ламбздорф, не суштествувале како една националност.“[822] Ваквата констатација на Ламбздорф била спротивна на некои извештаи од руските дипломати во Македонија во кои било информирано за постоење еден посебен народ на Балканот под името Македонци.

Но руската политика не се задоволила само со тие потези на синхронизираното бришење на македонското име по сите основи. Нејзината дипломатија извршила решителен притисок врз султанот да донесе посебен ферман со кој во претставките и соопштенијата поврзани со работите на царските вилаети на Румелија категорично се забранува терминот „Македонија“ којшто се споменува како локално име.[823]

За време на Илинденското востание во 1903 година Министерството за надворешни работи на Русија ги предложило следните драстични мерки:

1. излезот од маѓепсаниот круг се состои во конечно растројство и уништување (во трите вилаети) на Револуционерната организација;
2. посебно, како најопасно е да се споменува членот 23 од Берлинскиот договор. Тоа би ја растроило Империјата и би ѝ дал основа на Револуционерната организација да се смета дека се прави отстапка во правец на нејзините барања и желби.[824]

И покрај тоа што Бугарија била под континуиран притисок да не ги поддржува револуционерите во Македонија, дури била и обвинувана дека таа стои зад сите вооружени дејствија на Организацијата,[825] Илинденското востание докажа дека тоа го организира една внатрешна македонска револуционерна организација врз која нема контрола ниту една од соседните држави.[826] Впрочем, каква врска може да постои меѓу бугарската или другите соседни монархии со „Крушевската Република“, односно која монархија би сакала да поддржи автономна политичка организација со републиканско уредување?

Во една таква стратегија меѓу Русија и Австро-Унгарија дејствувањето на Македонската револуционерна организација ја претворило во нивен главен противник. Грција, Србија и Бугарија добиле слободен терен за дејствување против МРО во Македонија, но воедно нивните интереси на теренот се судриле, па нивната црковно-училишна попаганда добила нова

[822] Истото, 88-89.

[823] Стојановски, А. *Македонија под турска власт*. Скопје, 2006: 317-318.

[824] Поповски, В. *Руската и Советската*..., 95.

[825] Миноски, М. *Европските*..., 87-101.

[826] Истото, 143-151.

радикална форма преку акции на уфрлените вооружените чети. Според анализите на Владо Поповски, од 1904 до 1907 година „биле убиени 2700 кадри на МРО, дел преку четничките акции на балканските држави, дел од страна на турската власт, било преку соработка со институциите на балканските држави во Македонија било во самостојни акции.“[827]

Руската политика особено дошла до израз со нејзиниот негативен став кон Илинденското востание. Успехот на ова востание ги нарушувало интересите на оваа голема сила на Балканот, па Русија со сите можни дипломатски потези го оневозможувала неговото подигање и успех. Знаејќи дека станува збор за востание кое е автохтоно, т.е. македонско, а не бугарско, грофот Ламбздорф децидно негира: „Македонци нема во Македонија, постои само конгломерат од народности и маса Турци“, и затоа се залагал за битот на христијанското население во Османлиската Империја, а не на Македонците, кои, всушност, според него не постојат како одделна нација.“[828] Повторното негирање на Македонците укажува дека и на руските власти им е јасно нивното постоење и нивната организирана борба за слобода. Сите заложби на Ламбздорф насочени против успехот на Илинденското востание го потврдува овој заклучок.

На 30.10.1902 година Ламбздорф ја искажал потребата за „ликвидација на македонските револуционерни банди“ како предуслов на барањата што треба да се поднесат кај турската Влада за реформирање на Македонија.[829] Есента 1903 година министерот за војна, Куропаткин, со нескриено задоволство го известил рускиот цар Николај II дека турската војска го чисти теренот во Македонија од востаниците и „на тој начин очигледно дале благотворни резултати и сега востанието насекаде се гаси“, а за резултатите на турската војска следела голема благодарност од рускиот цар до султанот.[830]

Русија и Австро-Унгарија по завршувањето на Илинденското востание подготвиле реформски програми кои не биле во насока за решавање на македонското прашање, „туку за подобрување на управувањето и на ефикасноста на жандармеријата во македонските вилаети за да може да се

[827] Истото, 92.

[828] Терзиоски, Р. „Сведоштва за некои насоки на руската дипломатија во спречувањето на македонското револуционерно движење“. *Зборник - Македонија и руската политика на Балканот од Берлинскиот конгрес до Првата светска војна*. МАНУ, Руска академија на науките, Институт за славистика. Скопје, 2008: 133; Кресный архив 1922, т. II, 76; Архив Внешней Политички Российской Империи (АВПРИ) - Москва, ар.; Политический архив, (ПА) 1903, д, 2632, 63.

[829] Терзиоски, Р. *Сведоштва*..., 136.

[830] Истото, 137.

одржи што подолго власта на османлиската држава.“[831] Во врска со заштитата на Големите Сили и нивните интреси за зачувување на постоечката ситуација во Македонија е и констатацијата на сер Чарлс Елиот дека „во свеста останува тапо непријатно чувство дека какви и неразумни и сурови работи да прават Македонците, лошото вистински не е на нивната страна, бидејќи тие прават сè погрешно. Вистинскиот вирус за положбата од која полудуваат, а нашата совест ја прави нечиста, е чувството дека Турција во Европа ја држи единствено самата Европа.“[832]

Изјавата на Даме Груев во 1904 година за еден руски новинар дека „за време на востанието руската дипломатија беше во однос на нас Македонците маштеа; меѓутоа, Русија ја ослободи Бугарија; таа бездруго нема да нè остави нас да нè изедат непријателите на славјанстовото...“[833] јасно го отслика односот кој Русија го одигра кон Македонците и МРО, пред и за време на Илинденското востание и нејзиниот различен однос кон Бугарите.

И покрај тоа што руските конзули во Македонија како и извесен број руски интелектуалци, научници и патописци со симпатии и реално ги согледувале заложбите на Македонците за сопствената афирмација, антимакедонската политика на Царстово Русија останала доследна до крајот на постоењето на Османлиското Царство на македонската почва, но и до крајот на постоње на Царството. Таквата негаторска политика се спроведувала до крајот на османлиското владеење со Македонија, повеќе за потребите на руската доктрина отколку потребата да се негира еден народ. Со пропаста на Царството Русија, односот на Советскиот Сојуз кон македонското национално прашање и ВМРО драстично се изменил.

РАЗЛИЧНИТЕ СТАВОВИ МЕЃУ РУСКИТЕ ДИПЛОМАТСКИ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА И ОФИЦИЈАЛНАТА РУСКА ПОЛИТИКА КОН МАКЕДОНЦИТЕ

И покрај непријателскиот став на руската влада кон Македонците и Македонската револуционерна организација, извештаите кои од страна на руските дипломатски претставници од Македонија пристигале во Русија, во

---

831 Миноски, М. „Македонија и македонското прашање во руската политика за теритроијално статус-кво на Балканот (1904 - 1908)“. *Зборник - Македонија и руската политика на Балканот од Берлинскиот конгрес до Првата светска војна*. МАНУ, Руска академија на науките, Институт за славистика. Скопје, 2008: 91-92.

832 Eliot, sir Ch. *Turkey in Europe*. London, 1900: 434; Дого, М. „Претставите за Македонија на Запад во XIX и XX век“. *Гласник*, 1. ИНИ. Скопје, 1987, 115.

833 Дракул, С. *Македонија меѓу*..., том 4. Куманово, 1998: 18-19.

последните години од XIX и првата деценија на XX век, често изразуваат симпатии кон Македонците и ниванта борба за сопствена држава. Оттаму и ставовоите на Министерството за надворешни работи на Русија да не се споменуваат имињата на Македонија и Македонците и оттаму најстрогите предупредувања на шефот на руската дипломатија до руските претставници да се искажува сочувство кон македонското движење е недозволив и би предизвикал нивно отповикување.[834]

Според Растислав Терзиовски, долгогодишниот истражувач во архивите на Русија, повеќемина руски претставници во Македонија „со зачудувачка смеслост, чесност и одважност и со не мал личен ризик, наспроти официјалните обврски, разголуваат многу од скриените вистини. Расправаат за неспорноста на македонската самобитност, за постоењето македонски јазик, бит и култура, за неговото право на слобода.“[835] Ваквите архивски извори се од непроценливо значење за македонската наука и затоа дел од нив се цитирани во натамошниот текст на книгава под наслов „Извори од 1870 - 1912 година“.

Терзиоски во неговата статија пред да наведе примери на такви позитивни ставови кон Македонците се повикува на еден познат руски општествен деец кој изнел тврдење дека „сите етнографски податоци за Македонија составени од Бугарите не се ништо друго, туку најгруби фалсификати кои речиси 40 години го доведувале во заблуда руското и европското јавно мислење.“[836] Во друг документ се укажува дека „само мал број Македонци се заразени со панбугарски тенденции и дека многу од нив би се согласиле да останат турски поданици отколку да влезат во Бугарското Кнежевство.“[837]

Понатаму, наведен е рускиот конзул во Битола, Александар Аркадиевич Ростковски, кој во 1896 година ја изнел познатата теза за „самостојно словенско македонско кнежевство коешто со својата појава би го уништила секој повод за расцеп меѓу Србија и Бугарија, за сватливата желба на Македонците да се ослободат од овие непријателства - едната кон другите пропаганди и да побараат спас од Турција за спроведување на идејата

[834] Терзиоски, Р. *Сведоштва*..., 139.

[835] Истото.

[836] Истото, 140.

[837] Истото; Таен извештај на рускиот воен агент во Бугарија, Леонтич, од 17.8.1908, бр. 129, Софија, до началникот на Генералшатбот..., ГВИА, ф. 2000, оп. 1, д. 6851, ч. I, с. 85.

Македонија на Македонците.“[838] Интересен е извештајот на рускиот дипломатски претставник во Битола, Иларионов, во кој се вели: „...словенското население во Македонија само по силата на пропагандите и нивните огромни материјални средства формално се изјаснило за српско или бугарско.“[839] Имало и такви руски дипломати, како што бил Д. Никољски,[840] којшто во периодот пред Илинденското востание отворено ја критикува руската политика кон Македонците, но предупредува дека таквиот став на Русија воопшто не ги заплашува: „Сега **Македонците** се подготвуваат повторно да кренат оружје против Турција, руската дипломатија бара тие да се задоволат со мизерни реформи, а ако нема да се задоволат, тогаш Русија ќе ги препушти на судбината. Ако руската дипломатија ја смета Русија за вистинската заштитничка на Словените, зошто таа не побарала од Турција спроведување на 23-от член од Берлинскиот договор, а наместо тоа да предложи толку мизерни реформи. Русија ги заплашува **Македонците** со турскиот колеж, но оваа закана не ги плаши бидејќи тие навикнаа на секојдневните колежи и сакаат да завршат со тоа еднаш засекогаш...“[841]

Во последната деценија на XIX век и првата деценија на XX век, во Русија ќе се појават плејада руски учени кои ќе застанат во одбрана на македонската посебност, за што повеќе се осврнуваме во понатамошниот текст.

БОРБАТА ЗА ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВРЗ ОСНОВА НА МИЛЕТ-СИСТЕМОТ КАКО БОРБА ЗА МАКЕДОНСКОТО ИДЕНТИТЕТСКО ИМЕ

Политиката на османлиската држава во втората половина на XIX век, со која преку милет-системот се признавала религиозната припадност, била вешто искористена од страна на странските пропаганди во Македонија, односно припадноста кон некоја црковна организација да се преточи во припадност на односните народи. Имено, според Куранот, целокупното население на Империјата коешто не припаѓа на муслиманската вероисповест имала право на внатрешна црковно-училишна управа во согласност со нивните религиски канони и, според тоа, припадноста на луѓето кон одредената заедница се идентификувала низ призмата на таа организација.

[838] Истото, 140-141; АВПРИ, П.А. д. 560, с. 74; АВПРИ, П.А. д. 557, с.75.

[839] АВПРИ, ф. Дипламатическое агентство и вицеконсульство в Софии, д. 606, 32-34.

[840] Руски дипломат и општественик.

[841] *Руски документи за Македонија*, 247.

„Нагласувањето на егзистирањето на културно-образовната самоуправа во рамките на одреден милет само ја дополнува сликата за неограничените можности за асимилација на делови, па и цели етнички заедници кои имаат статус на религиозна заедница. Како резултат на овој милет-систем, етничкиот идентитет станува синоним на религиска припадност.“[842]

Под притисок, најмногу на Руското Царство, кое имало стекнато привилегирана улога на заштитник врз православното население во рамките на Османлиската Империја, од страна на султанот започнале да се признаваат посебни православни цркви, покрај грчката. Така, и покрај силното противење на грчката Цариградска патријаршија, во рамките на територијата на Европска Турција - Румелија, а со тоа и на Македонија, во 1870 година била призната Бугарската егзархија како булгар милет, во 1902 година бил признат и срб милет, а во 1908 год. и Влашката црква. Експедицијата на Франческо Гвичардини[843] низ Македонија во август 1903 година е опишана во еден негов патопис.[844] Во патописот, меѓу другите негови сведоштва, опишувајќи ги жителите на градот Скопје, запишал: „Од национална или расна гледна точка, која посебно ја определуваме кон јазикот што се употребува во семејството, жителите на градот се делат на Словени, Албанци, Турци, Власи, Грци, Цигани и Евреи. Но да се каже какви размери постојат меѓу тие националности или раси е невозможно, бидејќи статистиките - било да ги порачала Владата или, пак, ги прават верските заедници - водат сметака за верата, а не за јазикот, следејќи го концептот дека **црквата ја создава националноста.**“[845] Почитувајќи ги термините кои се користеле во османлиското општество како службени, Гвичардини во натамошниот текст називот „Бугари“ го користи за верската припадност на жителите на Скопје: „Од верска гледна точка се делат на муслимани, Бугари, православни, католици, Евреи. Според најверните податоци, муслимани има шеснаесет илјади и им припаѓаат на дури четири националности: Турци, Албанци, Бошњаци што се иселиле кога Австрија ја окупирала Босна и Роми; Бугарите се оценуваат на дванаесет илјади и сите се Словени; православните се двесте семејства, најголем дел со словенски, ретко со влашки и многу малку со грчки јазик; католиците се само ретки семејства, скоро сите со албански јазик и некои семејства се Евреи.[846] Ова сведоштво е најилустративен пример дека називот „Бугари“ имал верско значење во

[842] Донев, Ј. *Некои теоретско-методолошки размисли*..., 139.

[843] Италијански пратеник и градоначалник на Фиренца.

[844] *Impressioni di Macedonia*. Nouva antologia, 1903: 31.

[845] Истото.

[846] Истото.

официјалната употреба во 1903 година, за разлика од официјалните документи на Егзархијата, каде што нејзините верници во Македонија ги третира етнички. Следејќи ги „претставите за Македонија на Запад во XVIII и XIX век“, Марко Доко од Универзитетот во Трст забележува драстични разлики во сфаќањата на религиозната и етничката припадност на населението во Македонија и на Балканот за само неколку децении. Репортажите на западните патописци, според него, во првата половина на XIX век би можеле да се насловат како „Патувања и фолклор“, а да по 3-4 децении западните патописи би можеле да добијат нов заеднички наслов „Патувања и политика“.[847]

Регистрираните цркви преку своите црковно-училишни општини развивале национални програми и пропагандни активности за придобивање на македонското население кон некоја од нив. Крсте Мисирков во 1903 година за националистичката дејност на православните цркви во Македонија, меѓу другото, запишал: „Православието, најстарата, најраспространетата и основна религија на сите македонски народности, за жал, сосема ја изгубила својата главна цел да се сее братство меѓу народите, да ги облагородуваат срцата на верниците. Наместо тие благородни задачи, православието сее само раздор и завист. Тоа е сега само најглавното средство во рацете на разните пропаганди со чисто национални и политички задачи. Православието во Македонија сега е до толку најважано што воопшто не станува збор за една православна црква - сега таму има 3 цркви, но не православни, туку: грчка, бугарска и српска. Зошто тоа да биде така? Зарем црквата не треба да биде: Една, Соборна, Вселенска и Апостолска?... Црквата кај нас ја изгубила својата главна цел, затоа македонската интелигенција и народот имаат полно право да ги употребат сите свои сили да ја лишат црквата во Македонија од чисто национални цели и да ѝ ја вратат таа цел којашто и ја заповедал Божествениот основач: да го проповедаат евангелието на сите јазици, т.е. на јазиците на сите народи.

Ако религиозните пропаганди се залагаат за спротивставување против здружувањето на македонската интелигенција и македонскиот народ меѓу себе, прво што треба да направат е да се образува во Македонија: Единствена, Соборна и Апостолска црква, т.е да се возобнови Охридската архиепископија која ќе биде архиепископија на цела Македонија“[848]

Според Мисирков, таквата Охридска архиепископија „во свои раце ќе ја земе и училишната работа“ и „ќе се сообразува во неа народноста на својата

[847] Истото, 105.

[848] Мисирковъ, К. П. *За македонцките* ... : 23.

паства“, па како што во Грчката црква во училиштата се учи на грчки, а во влашкките училишта на влашки, така и во словенските училишта ќе се учи „на македонски“.[849] Тој смета дека тоа би бил најубавиот начин да се заврши македонската криза и... Тогаш сите национални и религиозни пропаганди, коишто го разделија народот на разни групи непријателски една кон друга, ќе се отстранат и ќе настапи мир за народот, за Македонија, за Турција и за Европа.[850]

Една од неопходните задачи на македонските интелектуалци и македонскиот народ, Мисирков ја набројува и борбата за „официјално признавање на македонската народност и со внесување во нуфузите, односно во црковните книги) и другите официјални документи на лица од словенско потекло од Македонија името „Македонец“.[851]

Со појавата на Бугарската егзархија борбата за обнова на Охридската архиепископија не само што не стивнала туку добила нагласен народносно-идентитетски карактер во чија суштина се наоѓа името на Македонците. Низ таа борба за Охридската архиепископија Македонците ја гледале својата голема шанса да добијат свој македон милет или признавање на посебна македонска народност.

Токму затоа борбата за осамостојување на македонските црковно-училишни општини, која влече свои корени уште од 30-тите години на XIX век, продолжила со уште посилно темпо во 70-тите години. Најсилната борба ја водела Солунската црковна општина. Според Иван Снегаров, „работите во Солунската општина појдоа лошо по **бугарската пропаганда**, сè додека на чело на општината не дојде од Егзархијата поставениот поп Петар Димитров во неомври 1872 година. Со тоа Егзархијата успеа да ги стави непожелните и да си постави свој човек“,[852] изгледа дека не било така. Независноста на Солунската општина продолжила и по формирањето на Бугарската егзрхија. Во тој период најистакнат борец за независноста на Општината станал попот Петар Димитров од солунското село Зарово. Тој, како некогашен грчки свештеник во Сер, се одметнал оттаму и се приклучил на Солунската општина. Во 1873 година успеал да издава венчални дозволи без знаење на солунскиот егзархиски митрополит. Општината под негово раководство за првпат таа година го прославила денот на светите Кирил и Методиј. Неговата дејност со воодушевување ја прифаќаат и Македонците од другите околни места на

[849] Истото.

[850] Истото.

[851] Истото, 20.

[852] Снегаровъ, И. *Солун въ българската духовна култура*. София, 1937.

Солун. Црковно-училишната општина во Солун постепено прераснала во главна поврзувачка општина на останатите македонски општини, меѓу останатото и во борбата за возобновување на Охридската архиепископија.[853] Во прилог на ова најверојатно била и поддршката на солунскиот валија Митхад-паша, кој: „се обиде да ги убедува некои од повидните македонски Бугари дека **тие не се Бугари, туку Македонци,** дека тие се народ посебен од бугарскиот што се гледало и од нивниот јазик, кој не бил бугарски, дека добро ќе сторат ако се одделат од Бугарите и дека на таков начин ќе си имаат и своја самостојна црква преку обновувањето на Охридската архиепископија.“[854]

Во 1877 год. Прилепска црковно-училишна општина се обраќа со писмо и изјава на 26 члена на чело со свештеникот Спасе Игуманов до локалната турска власт во кое, меѓу другото, пишува: „Ние долупотпишаните од град Прилеп, поданици на неговото Императорство и Величество, августејшиот султан Абдул Хамид II, сакаме да имаме **македонско народно училиште**, бидејќи **ние не сме родум Бугари**, затоа не познаваме ни бугарска Ц(рковна) општина и ни нивните училишта...“[855]

Охриѓаните во 1880 година со 120 потписи на угледни граѓани до султанот Абдул Хамид II многу јасно ја изразиле нивната голема желба како „Словени од Македонија“ да не бидат под јурисдикција на Бугарската егзархија, а нивните деца да не бидат под влијание на бугарската пропаганда. Притоа, бараат султанот да дозволи обновување на Охридската архиепископија и да имаат самостојни училишта на свој мајчин јазик. Така, во писмото се вели: „Ние верните поданици на Неговото Величество царот, султан Абдул Хамид, од долго време немаме црковна слобода, а од 1872 станавме уште позаблудено стадо зашто дојдовме под Бугарска егзархија заблудени од бугарската пропаганда. Така и ние станавме шизматици...

Покрај тоа што Бугарите нѐ измамија и нѐ излажаа, тие ни го отфрлаат и јазикот, ни ги менуваат и нашите свети обичаи, ја менуваат сета наша лика и прилика. Ние тоа не можеме повеќе да го трпиме и не сакаме нашите деца да нѐ колнат нас и гробовите на нашите прадедовци. Сега ние се одделивме од Бугарите и сами сочинуваме словенски општини во Македонија, и сочинуваме самостоен народ. Како такви ние сакаме да имаме наша црква, наши

---

853 Трајановски, А. *Црковно-училишните општини во Македонија*. ИНИ. Скопје, 1988: 324-330.

854 Карапетровъ, К. П. *Неколку думи за българската черква в Цариградъ*. София, 1892.

855 Миноски, М. „Два документа за акцијата на прилепчани од 1887 година на македонското народно училиште и самостојна црква“. *Историја*, 2. Скопје, 1983: 325-330; (Архив савезног секретаријата иностраних послова - Београд, Фонд: Министарство, иностраних послова, политичко одељње (АССИП). МИП ПО, П-3, Ф. 1, Прилог, Изявлене, 2.7.1877)

училишта. Ние си најдовме и наши учители кои ги плаќаме и издржуваме...“ На крајот од ова писмо следат 120 потписи на охридските првенци. [856]

Охридскиот преродбеник Темко Попов, чувствувајќи го тој дух на неговите сограѓани и духот на Македонците од цела Македонија, на неговиот соистомисленик Деспод Баџовиќ ќе го потврди тоа со зборовите: „Да не се лажиме Деспоте, националниот дух у Македониа до такво дередже денеска је стигнал, штото **и сам Исус Христос ако слезит от небото не можит да го увери Македонеца оти тој е Блгарин или Србин,** освен оние Македонци у кои веке пропагандата блгарска се имат вкоренето...“[857]

Во 1889 год. весникот *Македонија* препорачува за жителите на Македонија да се употребува само името „**Македонци**“, и со тоа: „ни најмалку нема да се згреши и ќе може најправилно да служи за постигнување на светата идеја ако засега се постави врз чисто **македонска почва**... И другпат имаме речено, не е време ние **Македонците** да изјавуваме желба за наше присоединување кон некоја држава, (бидејќи) во таков случај ќе се восползуваат соседите, **Македонија** ќе биде раскината... Сите, се гледа, се плашат од една самостојна борба на **Македонците** и никоја соседна држава досега не дава да се развие таква...

Ние не можеме да го бараме својот спас успешно ниту како Грци, ниту како Бугари, ниту како Срби, туку како **Македонци**, на кое, веруваме, сите ќе погледнат со добро око.“[858]

Доказ дека црковно-училишните општини низ Македонија, иако веќе под силно влијание и контрола на пропагандите, сè уште ја изразувале јасно нивната желба за црковна, јазична и народносна посебност е и примерот со пристигнувањето на скопскиот митрополит Теодосиј Гологанов во Тетово 1890 год. Знаејќи за неговото пристигнување, бугарската и српската пропаганда им наредиле на тетовските православни верници да не го пречекуваат владиката и да ги заклучат вратите на црквите. Но се случило нешто сосема неочекувано за нив. Не само што му ги отвориле вратите на црквите туку, според извештаите, Теодосиј, борецот за возобновување на Охридската архиепископија и македонска држава, бил свечено пречекан во Тетово со таква масовност и помпезност „како да пристигнал султанот“, што предизвикало

[856] *Документи за борбата*..., том 1: 287-288; ДА ДСИП, Београд, ППО, Ф.7, д. 6, п. бр. 962, 1890.
[857] Народна библиотека - Београд, Ф: Јован Х. Васиљевиќ, П 413/III, 9 мај 1888.
[858] Македонія, В. „Един Македонец“. *Мнѣние за рѣшавание Македонския въпросъ*, г. I, бр. 36. София, 19.8.1889: 143; *Сведоштва за македонскиот идентитет*. ИНИ. Скопје, 2010: 59-60.

бурна реакција кај муслиманите во градот кои се фатиле за оружје и се спремале за пресметка и протерување на владиката.[859]

Истата ноќ Теодосиј Гологанов престојувал во Лешочкиот манастир како гостин на неговиот истомисленик, игуменот хаџи Езекил, којшто заради неговото јавно дејствување како Македонец по неполни 8 години ќе биде убиен.[860]

Потврда дека и во Струга имало борци за македонската посебност во 1897 година сведочи бугарскиот учител во Прилеп, Никола Ганчов Еничеров: „Стружанецот Стрезов повеќепати доаѓаше во Прилеп и водеше спорови со тогашните бугарски учители и со поинтелигентните младинци во врска со потеклото на Македонците. Тој тврдеше дека Македонците можат да бидат секакви, само не и Бугари.“[861]

Да споменеме неколку расправи за македонскиот јазик во периодот од 1870 година и подоцна. Венјамин Мачуковски во 1872 година забележува дека „изучувњето на бугарската граматика во македонските училишта е еден од најтешките предмети за учениците, заедно со тоа најбестолковен.“ Во 1875 година Ѓорѓија Пулевски го дефинира македонскиот народ со посебен јазик, а во истата година Кузман Баџовиќ ги обвинува Бугарите дека „тие сакаат да постапуваат со нас полошо отколку од самите фанариоти. Тие сакаат да нѐ одржуваат во простотија и во незнаење. Тие само сакаат да имаме такви школи во кои би се изучувал само бугарскиот јазик, а не својот мајчин јазик.“ Решеноста за едукација и информираност врз научна основа се гледа и во неуспешниот обид да се објавува списание на македонски јазик - *Македонски лист*, а иницијаторите ова го барале дури од султанот. Во тоа барање се нагласува дека: - „споменатиот *Македонски лист* ќе се занимава со **историско-филолошка работа** и помал преглед на политиката...; - ќе ги изнесува општите сознанија дека нашата татковина нема ништо заедничко со Бугарите ниту, пак, со другите држави и затоа строго ќе укажува на нивните интриги...“[862]

Врвот на борбата за обновување на Охридската архиепископија како Македонска црква му припаѓа на националното дело на споменатиот митрополит Теодосиј Гологанов. Уште пред да биде назначен за митрополит во Егзархија, тој како свештеник на Патријаршијата во Сер започнал со

[859] Светозаревиќ, Б. *Српската и бугарската* ... : 35-38.

[860] Истото.

[861] Еничеревъ, Н. Г. „Г. Шапкаревъ за Прилепъ и Охридъ“. *Български преглед*, 7-8. София, 1897.

[862] Џамбазовски, К. „Неуспел обид за издавањето на Македонскиот лист во Цариград 1887 година“. *Современост*. Скопје, 1964.

националната дејност меѓу населението на тој начин што отворил училиште каде што на децата им предавал настава на мајчин јазик, а во црквата проповедал словенска богослужба.[864]

Неговото назначување за скопски егзархиски митрополит било придружено со многу тешкотии заради отпорот на турските власти, Патријаршијата, српската пропаганда, дури и противењето на рускиот конзул во Скопје.[865] Сепак, по неговото законско поставување за егзархиски митрополит на 30 јули 1890 год., веднаш се зафатил за реализација на планот за обновување на Охридската архиепископија.

Најпрвин направил канонска обиколка на Скопската епархија, ги сменил сите постоечките директори на училштата, членови на црковни одбори и свештеници и поставувал доверливи луѓе на него, ги намалил давачките за црквата, сменил дел од правилниците. Во август започнал со смена на Егзархискиот совет каде што имал судир со скопските чорбаџии кои му се спротивставиле. Митрополитот ќе реагирал кај скопскиот валија, по што биле затворени. Егзархијата реагирала на неговите потези со писма, ги повлекла дел од учителите кои го подржувале Теодосиј, меѓу кои и Ѓорче Петров. За учебната 1891/92 година тој составил нова листа учители откако видел дека повеќето од оние кои дотогаш работеле биле доведени од Бугарија. Од турските власти побарал владичината да се собира од нив, а не од егзархиските претставници. За да го одоброволи митрополитот, егзархот Јосиф I му понудил плата од 12 000 лева, но тој ја одбил. При турската печатница во Скопје побарал да се печатат нови формулари на митрополијата на која не стоел називот „Бугарска егзархија“. Ја започнал иницијативата за печатење нови учебници со печат на митрополитот како единствени кои смееле да се употребуваат. Учебниците требало да се делат бесплатно на учениците. Егзархот поради ваквите постапки го повикал Езекил на разговор во Истанбул, но скопскиот митрополит не заминал на средбата. Сите овие преземени чекори на Гологанов[866] укакажуваат на неговата решеност за реализацијата на неговите намери.

Во писмото на егзархот Јосиф I до самоковскиот митрополит Доротеј ги открива тие намери на скопскиот митрополит Теодосија Гологанов: „не се чувствувал Бугарин, а Македонец. Не примил во Скопје директори и учители

---

[864] Борисов, Д. *Теодосиј Гологанов - скопски митрополит (1885 – 1892): Прилози за историјата на Македонија и македонската култура*. МАНУ. Скопје, 2021: 486-487.

[865] Истото, 488-491.

[866] Повеќе за ова кај: Трајановски, А. *Црковната*..., 218-230; Борисов, Д. *Теодосиј Гологанов* ... : 491-493.

од Бугарија, се готвел да прогласи независност од Егзархијата... Зборувал на граѓаните и учителите дека не ја признава Егзархијата, дека ги прекинал односите со неа... Ја ширел идејата дека Македонците треба да се ослободат од Горненците Бугари... Сите Македонци да работат да се ослободат по каков и да било начин од Горненците, односно од Бугарите од Северна и Јужна Бугарија кои држат учителски и други должности во Македонија и при Егзархијата. На учителот Ѓорче Петров му сугерирал да собира етнографски материјали, со што се докажува дека Македонците се разликувале од Бугарите..."[867]

Митрополитот Теодосиј, залагајќи се за отстранување на бугарскиот јазик, според него „јазикот на кој ќе учат децата, ќе биде матерниј, сиреч македонски."[868]

Преку неговите преземени чекори и барања препознаваме не само лидер кој се залага за признавање на македонскиот народ преку признавањето посебна македонска Охридска архиепископија туку и лидер кој имал државничка визија и способности. Во преписката со другите високи свештеници во Македонија се гледа дека дел од нив му давале безрезерва поддршка и се гледа дека се разговарало и за кандидати за владици во идната возобновена архиепископија.[869]

Со истиве овие заложби Теодосиј Гологанов барал поддршка и признавање од Католичката црква. Па во едно негово писмо, меѓу другото, напишал: „Јас, долупотпишаниот, митрополит скопски Теодосиј, по милоста Божја киријарх на Скопската епархија, ја поднесувам оваа своја молба од свое име и од целата православна паства од Македонија со која ја молиме Неговата Светост да нѐ прими во крилото на Римокатоличката црква. Нашата желба произлегува од историското право на **македонскиот православен народ** да се ослободи од јурисдикцијата на туѓинските цркви, Бугарската егзархија и Цариградската патријаршија, да се обедини во своја единствена православна црква и ги добие сите белези на народ кој има право на самостоен духовен и културно-просветен живот..."[870]

---

[867] Истото, 492-493.

[868] Трајановски, А. *Црковната*..., 224.

[869] Истото, 225-226.

[870] *Документи за борбата*, 291-292; (Archivio della S. Congregazione de Propaganda Fide, Roma, Indice della Ponenza - Marzo, 1892-93, Somm. XV, 132-141; *Разгледи*, XIII/1, 117-118)

ПРВИТЕ НАУЧНИ ТРУДОВИ ВО ЕВРОПА ЗА ИДЕНТИТЕТОТ, ЈАЗИКОТ И ИМЕТО НА МАКЕДОНЦИТЕ

Под силното влијание на пропагандите на Грција, Србија и Бугарија, особено во периодот по 1878 година, потоа нивните династички врски со кралските семејства на Западна Европа и Русија, не само на теренот на Македонија туку и во цела Европа, Македонците отежнато се препознавале со своето идентитетско име во тамошната поширока европска јавност. Така, во британските весници од почетокот на XX век се среќаваат повеќе слични написи за името Македонци од новинари, лингвисти, историчари или дипломати, односно дека тоа всушност означува заедничко име на жители од различна етничка припадност од „Регионот Македонија“ и дека „не препознаваат егзистирање на посебна македонска нација.“[871] Во прилог на ова оди и следното грчко тврдење: „Во време на османлиското владеење и по ослободувањето во сите 3 дела на Македонија жителите комуницирале меѓу себе на својот сопствен јазик, користејќи го истото географско име. Грците од Македонија се нарекувале себеси Македонес, Словените - Македонци, а Власите - Македонени“.[872]

Иако ваквата тенденција ќе биде присутна во периодот од 1880 до 1912 година во дипломатската преписка на конзуларните претставници во Македонија, во балканските и европските политички кругови, во записите на европските патописци и новинари, но и во научните кругови сè почесто се зборувало за македонската етничка посебност и пред овој период. Името „Македонци“ во прикажаните извори се гледа дека, покрај територијално, сè почесто се споменувало како народносно. Во Европа сè почесто може да се прочита за независни научни трудови од лингвистиката, етнографијата, картогрфијата кои се спротивставени на политичката кампања на трите балкански држави кои наметнуваат една лажна и тенденциозна слика за населението, јазикот, етнолошките и етнографските карактеристики на населението во Македонија, дотолку повеќе што сите овие научни потврди за македонската идентитетска и именска посебност се појавиле повеќе децении пред создавањето на македонската држава.

Британскиот научник **Едвард А. Фримен** во неговата книга *Историска географија* од 1882 година, прикажувајќи ги историските промени во географијата на Европа за овој период ќе забележи следното: „Словените

[871] Jovanovski, D. *The Slow Discovery of the Macedonians*. UDK. Skopje: 113-114.

[872] Шеј, Џ. *Македонија и Грција* ... : 167.

навлегле во големи делови од Македонија и Грција. Зборот Македонец почна да значи Словен...“[873]

Во учебната 1883/4 рускиот славист, професорот **В. И. Ламански,** во „составните елементи во современиот руски јазик на прво место го поставува македонскиот.“[874]

Бесарапскиот Бугарин и истакнат руски славист, **Петар Данилович Драганов,** почнувајќи од 1887 година истражувал и објавил низа научни трудови во кои докажувал дека македонскиот народ е посебен словенски народ, различен од српскиот и бугарскиот.[875] Во 1888 година Петар Драганов во неговото дело *Етнографска скица на Македонија* констатира дека етнографската територија каде што во средниот век биле Драговитија, Берзитија и Велестија и воопшто Славинија: „кај своите сегашни жители, или поточно да се каже, среде нивните интелигентни претставници, се наречува Македонија“, иако според него тоа име е само историско и археолошко, бидејќи „тоа име им се допаѓа на самите **Македонци**, тоа во извесен степен е усвоено и од науката за земјопис, и ние можеме во овој случај смело да го употребуваме...“ [876]

Покрај тоа, тој ги обвинува пропагндните учители од Бугарија и Србија во Македонија за нивното лицемерије и наместо да ја изразат својата племенска љубов кон Македонија, тие „со најголема омраза“ го прогонуваат јазикот на Македонците, којшто според него е директен наследник на кирилометодиевиот јазик: „Обете војувачки страни без обѕир на јавните уверувања пред целиот свет, и пред Русите посебно, за својата племенска љубов кон Македонија, на самото место, т.е. во самата Македонија, се однесуваат со најголема омраза кон месното наречје и кон основните потреби на месното население. Тоа, пак, се однесува за бугарскиот и српскиот учителски персонал во Македонија. Нивната омраза кон потиснатото, угнетувано и прогонувано месно македонословенско наречје не знае за граници. Последново со необична усрдност се прогонува од македонско-словенските училишта, како од Бугарите така и од Србите, кои сега во Македонија исцело ги имаат в раце судбините на месната словенска просвета. Меѓутоа, ова наречје повеќе од кое и да е друго од дузината постојни словенски наречја - јазици, може со поголема или со помала претензија да ги слее благородните потомци на некогаш знаменитиот Кирилиометодиев јазик.

---

[873] *The Historical Geography od Europe*, second edition. London, 1882: 119.

[874] Ристовски, Б. *Македонски работи*. МАНУ. Скопје, 2013: 111.

[875] Ристовски, Б. *Македонистот Петар Драганов 1857 - 1928*. Матица. Скопје, 2007: 177-180.

[876] Драгановъ, П. *Етнографическій очеркъ Македониіи*. 1887: 11-12, 596.

Ние би можеле да наведеме долга редица сведоштва од високоавторитетни научници и, пред сè, од родени Македонци од доброто старо време. Како документарни докази дека македонско-словенското наречје е повеќе или помалку самостојно и автономно во однос на бугарскиот и српскиот 'јазик'. Овие сведоштва се однесуваат кон две категории: 1) таканаречената македонско 'наречје' си има свои сопствени особености и во акцентот, и во гласовите, и во формите..., и во синтаксата, и особено во речникот. 2) месните македонословенски учители од доброто старо време, уште на наша памет, сè до крјот на 60-тите години и почетокот на 70-тите години, т.е уште спроти големата Ослободителна војна од 1877 - 1878 година, си печатеа свои училишни учебници, изјавувајќи громко дека македонословенско население откако си ја извојува црковнословенската литургија од грчкото управувачко свештенство нема ни најмала желба да се откаже од интересите на својата народност, т.е. да се побугарува и да се посрбува, наречеувајќи ги притоа Бугарите со омаловажувачкото име 'Шопје'."[877]

Заради таквите негови научни ставови за постоењето на македонскиот народ и неговиот македонски јазик бил постојано напаѓан од бугарските и српските научници и политичари до ниво на негирање, навреди, исмејувања, закани и сл., со што на таков начин ја споделил и судбината на Македонците. [878]

Александар Федорович Ритих уште во 1885 година (Варшава) во неговиот забележителен труд *Славјански свет* за Македонците го употребува називот „македонски Словени". Во статистичкиот преглед на словенските наречја од 1901 година (Петроград) во неговата книга *Славјанските наречија на XX век во Југозападна Европа* Македонците ги издвојува во групата „Македонјане", т.е. „Старословјани".[879]

Николај Николаевич Дурново наполно се согласува со научните ставови на Драганов и во повеќе негови трудови ја брани посебноста на Македонците. Ги издвојуваме статиите од 1895 година (Москва) „Имаат ли Бугарите историски права на Македонија, Тракија и Стара Србија" и неговите статии во виенското списание *Славајнски свет* на руски јазик. Меѓу статиите на ова списание ги споменуваме „Нешто за етнографијата на Македонија и за македонското прашање" и „Македонското прашање и Австрија".

---

[877] П. Драгановъ, Къ вопросу о населеніи современой Македоніи, С. Петербургкія Вѣдомости, N 200, С. Петербургъ, 24.VII.1900, 3.

[878] Истото; таквите напади врз личноста и делото на Драганов се среќаваат во оваа книга на повеќе места.

[879] Тодоровски, Г. *Македонија и*..., 302.

На Империјалниот дерптски универзитет славистот **Леонхард Готхлив Мазинг** (1845 - 1936) во 1890 година ја одбранил својата докторска дисертација за акцентот на македонскиот јазик, што била и напечатена во две книшки, во вид на две сериозни научни расправи за македонскиот акцент и македонскиот јазик во словенскиот свет на германски јазик.[880]


Во 1890 год. се појавила книгата на **Карл Хрон,** *Народноста на македонските Словени*.[881] Во оваа книга, меѓу другото, стои: „По моите сопствени студии на српско-бугарскиот спор дојдов до убедување дека Македонците, како по својата историја така и по својот јазик, се посебна народност, значи ниту се Срби, уште помалку Бугари, туку се потомци на оние словенски прадоселеници кои го населувале Балканскиот Полуостров веќе долго пред српската и бугарската инвазија, а кои подоцна со ниедна од овие две нации не се измешале...“

Германскиот географ **Карл Естрајх** (1873 - 1947) кон крајот на XIX век извршил неколку посети на Македонија. Во 1905 година во списанието *Географско списание* објавил серија од седум прилози под наслов „Македонија“. Во истото списание во 1905 година го објавил неговиот труд „Населението во Македонија“ во кој се истакнува дека: „Србите и Бугарите им се многу блиски на македонските Словени, но Македонците не се ниту Срби ниту Бугари.“[882]

[880] Булатова, Р. В. „Первій исследователь языка македонских славян Л. Г. Мазинг (1845 - 1936)“. *Македонски јазик*, XXXII-XXXIII. Скопје, 1982: 63-73.

[881] Хрон, К. *Народноста на македонските Словени*. Архив на Македонија. Скопје, 1966; Hron, K. *Das volksthum der Slaven Makedoniens*. Wien, 1890.

[882] Ошлис, В. *Од историјата*..., 36.



лабско-кашубскую, съ -or- (-ог-) или -ar- (-ar-) (№ 22). Четыре группы славянскихъ областей и языковъ получаются со слѣдующихъ точекъ зрѣнія. Съ точки зрѣнія разнообразія историческихъ продолжателей древнихъ *dj*, *tj*, *jt* имѣются: область *сѣверо-западная* съ *c* (ц, тс) изъ *tj* и *jt*, распадающаяся на двѣ части — *западную*, чешско-лужицкую, съ *z* (з) изъ *dj*, и *восточную*, словацко-польско-полабскую, съ *dz* (дз) изъ *dj*; область *восточная, русская*, съ *жс*, *ч*; область *юго-восточная, болгарская*, съ *жд*, *шт*; область *юго-западная*, состоящая изъ двухъ частей—македонской, съ *t'*, *к'* (*q'*, *k'*), и сербо-хорвато-словинской, съ различными видоизмѣненіями сочетанія *tj*, въ предѣлахъ отъ *t'* (*ть*) до *č* (ч,

Според Енциклопедискиот словар (Санкт Петербург, 1900), постојат четири области на словенски јазични групи. Една од нив е југозападната, составена од два дела - македонскиот и српско-хрватскиот-словенски.[883]

Леонард Шулце Јена (1872 - 1955) своите истражувања на македонскиот јазик ги работел за време на Првата светска војна како член на германската Македонска земска комисија. Неговите истражувања ги објавил во 1927 година. Според Шулце Јена, во Македонија се зборувал јазикот кој го

[883] https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/03/1900_80-768x475.jpg.

препознал во преводите на Кирил и Методиј. За јазикот на Македонците тој напишал: „Пропаднаа заложбите да се подели главнината на македонските Словени според етнографски критериуми на Срби и Бугари. А ниеден човек од крв и месо нема да му се досудува неговата припадност на некоја определена етничка заедница.“ Тој докажал дека македонскиот јазик е самостоен јазик преку споредба на исти зборови на македонски, бугарски и српски јазик.[884]

Меѓу европските интелектулци, врз основа на теренските сознанија, започнал да се развива еден неутрален став, независен од агресивните пропаганди на балканските освојувачи, т.е. дека во Македонија живее со векови еден посебен словенски народ кој себеси се нарекувал како македонски. Таквите ставови биле објавувани од високиот руски офицер **Миљуков**; британскиот воен лекар д-р **Абрахам Џонстон**; **Оливер Харвеј** - висок функционер, дипломат на британскиот Форин Офис; германскиот војник и автор на книга за Првата светска војна во Македонија - **Паул Шиндлер**; познатиот германски пистел **Ернест фон Хесе-Вертег**; сведоштвото на гркот **Тенис Музос** за состојбите во Македонија; **Петар Милјуков** - руски политичар, државник, универзитетски професор, историчар и публицист**; Н. Светозаров -** рускиот учен**,** Александар Иванович **Александров -** професор при славистичката атедра на Казанскиот универзитет, подоцна епископ Јамбурски (Анастасиј) и ректор на Духовната академија во Петроград**, Јан Бодуен де Куртене** - полски лингвист и руски професор; **Василиј Водовозов** - руски писател и публицист; словенечкиот политичар, новинар и писател - **Хенрик Тума**; српскиот политичар, дипломат и писател - **Стојан Протиќ**; францускиот разузнувач - **Рене Пикар**; **Едмонд Бушие де Бел** - доктор по право, висок финансиски службеник во Париз и во Првата светска војна бил дел од Главниот штаб на француската Источна армија; **Рудолф Арчибалд-Рајс** - истакнат швајцарски правник и професор на Универзитетот во Лозана, експерт за меѓународно воено право, а подоцна и како доброволец во српската војска учествувал во Првата светска војна и на Македонскиот фронт и др. Од Швајцарија е и **Емануел Дувилард** - претседател на Здружението на педагозите на Швајцарија, протагонист на многу училишни реформи во оваа држава, директор на Бирото за училишни архиви и педагошки истражувања, професор на Институтот „Жан Жак Русо“ и претседател на Женевскиот комитет за одбрана на жртвите од белиот терор на Балканот за време на Првата светска војана. Во тоа својство го пренел неговото лично искуство од теренот на Македонија и оттаму е неговиот напис во весникот *Балканска федерација* за

[884] Ошлис, В. *Од историјата*..., 39.

сведоштвото за Македонците кои кога биле распрашувани дали се Срби, Бугари, дали се Грци или Албанци, тие одговарале како и претходно: „Јас сум Македонец“. Во 1930 година научникот Андре Вурфбан ја критикува научноста на балканските статистики од почетокот на XX век и констатирал дека „тие се намерно фалсификувани.“[885]

Оваа група европски научници и публицисти ќе ја заокружиме со германскиот публицист **Макс Давид Фишер** (1893 - 1954), кој 1934 година во *Берлински весник* напишал: „Што се Македонците?... Во Белград се вели дека се Срби, во Софија се вели дека се Бугари, и посетителот од странство може да добие дебели или тенки публикации во кои наоѓа „докази“ за саканите теории. Мене веќе одамна ми омрзнаа, бидејќи тоа за мене се соништа и јас едноставно велам: Македонецот ѝ припаѓа на онаа нација чиј буквар го учи... Никој не може да се сомнева во тоа дека Македонците, кога паднаа под турска власт, беа едно јужнословенско племе што имаше своја самобитност и ја чуваше.“[886]

Од почетокот на XX век во европските центри биле објавувани и етнографаски мапи на кои се појавува народносното име на Македонците кое ги издвојува од етнонимите на соседните народи. Претходно, во XIX век, на етнографските мапи македонското население било третирано како грчко, бугарско или српско.[887] Меѓутоа, појавата на етнографските карти на кои се одбележани територииите каде што живеат Македонците или македонските Словени, кои соодветствуваат и со научните трудови за постоењето посебна македонска народност и јазик на тие простори има посебно значење, со оглед на тоа што ваквите научни сознанија се независни од актуелните балкански и европски политики, кои воопшто не биле наклонети кон признавањето на тие факти. Во овој период, меѓу првите карти е изданието на авторитетното Санктпетербуршко словенско благотворно друштво од 1890 година во која за првпат и Македонија доби посебна национална боја. Имено, во Етнографската карта на словенските народности на ова друштво македонскиот народ бил прикажан со посебна национална боја, како посебен народ во словенскиот свет.[888] Од другите картографски изданија ги издвојуваме: J. Cvijić, *Carte ethnographique de la Péninsule des Balkans*. Paris, 1918 (НУБ. КО. Скопје, К. 46); *Etnographical Map of Central Eastern Europe*. London, 1918 (НБС, Београд, Кр.

[885] Wurfban, A. *Le change Greco-bulgare des minorites ethniques*. Loussane, 1930: 23.
[886] Волф Ошлис, Од историјата ... 40.
[887] Петрушевски, И. *Македонија на стари* ... : 16.
[888] Тодоровски, Г. *Претходниците на Мисирков*. Скопје, 1968: 166; истиот, *Трактати за сонцељубивите*. Скопје, 1974: 164.

1011); S. Soteriadis, *Hellenism in the Near East*. London, 1918 (BM - MR Maps 9c and 43.365.6, London); *Carte ethnographique de l'Europe centrale et des états Balkaniques*. Paris, 1918 (НУБ КО, К 310, Скопје); *A. Gross Races of Eastern Europe*. London, 1918 (BM - MR 1025.8, London); *Völker und Sprachencarte der Balkan - Halbinsei*. The new larned history, vol. I. - A, to BALK., *Distribution of nationalities in south-eastern Europe*, C. A. Nichols publishing, 1922; Leipzig, 192? - 193?. За сите овие етнографски карти е карактеристично што не постои никакво политичко или какво било друго влијание на македонски фактори и поради тоа тие имаат посебно научно и доказно значење.

ПОЈАВАТА И РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКАТА НАУЧНА НАЦИОНАЛНА МИСЛА

На сите овие научни истражувања и ставови на европските научници ја придружуваме и научната верификација и од страна на македонските интелектуалци. Во својот природен и автентичен тек од развојот на јасно изразеното територијалното самосознание (од XV до почетокот на народносното и јазично сознание (1850 - 1900), кон крајот на XIX и почетокот на XX век, следи развојот на националната научна мисла кај Македонците. Немајќи никакви услови во рамките на Османлиската Империја да се занимаваат со научно институционално проучување по тоа прашање, македонските интелектуалци се обиделе тоа да го работат во Белград и Софија. За жал, сите нивни обиди за научна работа и публикување на фактите завршувале со неуспех, од забрана за публикување до уништување на испечатените примероци. Затоа, македонските интелектуалци најповолни услови за своето научно проучување и публикување на научните сознаија ги пронашле во Русија. Кон крајот на XIX век речиси сите Македонци кои студирале во Русија се организирале во Македонското научно литературно дугарство на 28.2.1903 год. во Санкт Петербург. Овој историски исчекор значел почеток на последната фаза до оформувањето на македонската нација и со него перспективно биле поставени „историските основи на Македонската академија на науките и уметностите.“[889]

Еден од студентите во Русија кој ја проучувал македонската историја, јазик и посебност секако е Крсте Петков Мисирков; во поглед на името „Македонци“, во неговото епохално дело *За македонцките работи*.

Токму од оваа студентска и интелектуална македонска колонија во Русија ќе произлезат научни списанија коишто ќе ги презентираат научните

[889] Ристовски, Б. *Историските основи на Македонската академија на науките и уметностите*. МАНУ. Скопје, 2017.

сознанија за посебноста на Македонците, нивната историја, јазик, култура и обичаи. Така, во првиот број од списанието *Вардар*, кое било издавано во Одеса, меѓу другото, стои: „*Вардар* треба да ги прегледа сите научни и историско-лингвистички прашања за народноста на **Македонците** и да ги подложи на строга научна критика, потпирајќи се на нови лингвистички прашања за народноста на **Македонците** и да ги подложи на строга научна критика, потпирајќи се на нови лингвистички материјали и теории. Најпосле, трето и најглавно, *Вардар* не само што треба да создаде научна основа за македонскиот национален сепаратизам туку треба нагледно да покаже дека нашиот јазик е самобитен, дека не ни е српски, ни бугарски и дека е способен за литературен развој. Паралелно со остварувањето на таа задача, *Вардар* ќе им понуди на своите читатели цела редица научни и белетристички материјали интересни за секој Македонец и со тоа ќе ја постави основата на македонската самостојна наука и литература..."[890]

ИЗВОРИ ОД 1871 - 1912

1871 год. Димитар Македонски. Во полемиката која ја водел овој наш учебникар и културен деец со големиот бугарски публицист и научник Петко Рачов Славејков во весникот *Македонија* за античките Македонци, меѓу другото, запишал: „**Македонците не се изгубиле од лицето на земјата, како што си дозволуваат некои да велат, зашто, колку што знаеме ние, тие не згрешиле некогаш, па да зине земјата и да ги голтне**..."[891]

1871 год. Петко Рачев Славејков, Бугарија/Османлиска Империја. „Најпосле, **македонското прашање** излезе на јаве и се покажа во печатот. Ние велиме најпосле, зошто тоа прашањето не е нова работа. Ние го заслушавме уште пред десетина години од некои **Македонци**. Најнапред ги зедовме зборовите на тие млади патриоти... на нашите не толку сериозни препирки. Така и ние мислевме до пред една-две години, кога нови разговори со некои **Македонци** ни покажаа дека работата не се само голи зборови, но мисла што мнозина сакаат да ја спроведат во живот. И жално и тешко ни беше да слушаме такви зборови зашто работата ни се гледаше доста деликатна и условите во коишто се најдуваме. Денеска тоа прашање излезе на пазар благодарение на несообразноста на еден од нашите собраќа и ние сме веќе принудени, сакале-несакале, да се јавиме.

[890] Весник *Вардар*, 1. Одеса, 1905: 1.

[891] Весник *Македонија* (ур. П. Р. Славејков), 16.2.1871.

Ние, пак, не сакавме да зборуваме никогаш за тоа прашање ако постоеше само во одделот на учебните книги...


Само последниот услов е доста за да нè претпази од секакво раздробување на нашата бедна литература и да нè крене против оние што сакаат такво разделување. Но кога во разделувањето влегуваат и други цели, цели на раскинување на уште не соединетиот наш народ, тогаш секој има право да се противи на такво зло. Таква цел се гледа дека имаат некои од нашите македонски браќа и таа цел ја кријат тие под превезот на јазикот и на неговите наречја; затоа си дозволуваме и ние да кажеме за македонското прашање. Многупати сме слушале од македонистите дека тие **не биле Бугари ами Македонци**, потомци на древните **Македонци**... Сме слушале и друго основание. Некои македонисти се делат од Бугарите по друга причина, по тоа што **тие се чисти Словени**, а **Бугарите се Татари** и не знам што...



Македонскый-тъ Въпросъ.

Най-послѣ Македонскый-тъ въпросъ излѣзе наяве и се показа въ печатъ-тъ. Ный казахмы *най-послѣ*, защото този въпросъ не е нова работа. Ный смы го зачували още отъ прѣди десетина години отъ устата на Македонцїи. Изнай-напрѣдъ зехмы душы-тѣ на тѣзи млади патріоты като за шега и за подцахъ въ горе-

Извадоци од коментарите на П. Славејков
за Македонците во 1871 год.



Много пѫти смы чували отъ Македонистытѣ, че тѣ не были Българе, но Македонцы, потомцы на древныть Македонцы, и всякога смы чакали пѣкакы

П. Славејков: „Многупати сме слушале од Македонците дека тие не биле Бугари, но Македонци, потомци на древните Македонци.“

„За да му придадат сила на своето произволно основание, македонистите посочуваат разлика меѓу македонското и горнобугарското наречје од коешто првото било поблизу до словенскиот јазик, а второто било измешано со татаризми и др. ... Нашите зборови дека разликата на наречјето ништо не покажува, дека е тоа последица на историски услови, а не на различно потекло, тие зборови ништо не помогнаа. Македонистите упорно си останаа на своето... зборовите на македонистите: **се откинавме од Грците, под други ли да паднеме**?...“[892]

1871 год. *Читалиште*, Бугарија/Османлиска Империја. „Нам ни остана уште да споменеме нешто и за **новите Македонци.**[893] Душан Силни бил Македонец, а не Србин, макар што историјата го признава за Србин. До неговото време сите во Македонија, војводства и кнежевства биле под власта на **Бугарите**, т.е. на Трновско Бугарско Царство. Освен тоа, сите српски жупанства уште пред царот Симеон Бугарски биле под бугарска власт. Но подоцна, тие **Македонци и Срби** во XIV век, како и пред тоа се движеле и се приклониле кон византиската и унгарската држава, особено кога Бугарите имале војни со Византијците и Унгарците против Бугарите, па бугарските цареви решиле дека е добро да ги приклучат и да ги потчинат сите македонски, албански и српски војводства и жупании...“[894]


ЧИТАЛИЩЕ


Година II. — Октомврій. 1. 1871. — Книжка 1.

Насловната страница на весникот *Читалиште* од 1871 год. и текстот во тој број кој се однесува на „новите Македонци“.

[892] *Документи за борбата*…, том 1: 208-210; (Славеиков, П. Р. „Македонскийт въпрос“. *Македония*. Цариград, 18.1.1871.

[893] Се мисли на современите Македонци од XIX век.

[894] *Читалище*, книшка 1. Цариград, октомврій 1. 1871.



V. Нѣмъ ни остава еще да споменемъ нѣщо и за новытѣ Македонцы. Душанъ Силный, былъ македонецъ, а не сърбинъ, макаръ че историята го взема за сърбинъ. До неговото врѣма всичкы въ Македония воеводства и княжества были подвластны българъзъ т. е на Търновскытѣ Български царе; Освѣнъ туй всичкы жупанства сръбски еще отъ прѣди царя Симеона Българскый были подъ власть Българскѫ. Нъ повеже тѣзи Македонцы и Сърбы исповѣдъ въ XIV ст. както и отъ по напрѣдъ мърдали и си прѣхвърлали къмъ Византійскѫ и Маджарскѫ страиѫ, особенно когато Българытѣ имали войиѫ съ Византійцытѣ, и помагали на Византійцытѣ и Маджарытѣ срѣщѫ Българытѣ, то Българскытѣ царие намѣрили за благословно да съединятъ и подчинятъ всичкы Македонскы, Албанскы и Сръбскы воеводства и жупанства подъ властьтѫ на единъ силенъ царь, който да признавна надъ себя-си Българското Покровителство. Токъвъ мѫжъ си показалъ Душанъ, роденъ отъ Българкѫ. Него Българскыя дворъ го наставилъ и признавалъ за царь, облѣкълъ го съ всичкы царскы атрибуты и го оставилъ да владѣе надъ Македонія и Сърбія. Той посялъ титулъ: *Благовѣрный Царь Македонскый и Сърблемъ и гркомъ и пр.* Душяна сръбскытѣ

Авторот на овој текст, толкувајќи ги документите од времто на српскиот цар Душан, прави разлика меѓу **Македонците**, Бугарите и Србите во средниот век.

1871 год. Драгашевиќ, Србија.[895] „Во Словени ги набројуваме **Србите, Хрватите**, **Македонците**, **Бугарите** и **Русите**.[896] **Срби** има околу 3 620 000, **Хрвати** - 2 500 000, **Македонци** - 1 300 000, **Бугари** - 3 220 000... **Македонците се најстарите Словени** на ова илирско трополе, а можеби и во Европа и преку нив преоѓале и владееле сите народи, кои во текот на многу време или еден покрај друг или еден зад друг живееле во овие земји. Тие денес го населуваат речиси целиот брег на Белото Море и на исток се мешаат со **Бугарите** во **Тракија**, на запад со **Арбанасите во Арбанија** и **Епир** (Ипер), а на север ги граничи Шар Планина со **Србите**. И при сето тоа што во нивните обичаи и во нивниот јазик може да се најдат траги од сите оние народи кои овде и онде

[895] Автор на *Географијата за средните училишта* во Србија.

[896] Тука се мисли на Словените кои живеат на Балканскиот Полуостров.

владееја над нив (особено Бугарите и Србите), сепак и денес **се карактеризираат самостојно** и стојат во средината меѓу Бугарите и Србите. Бугарите на ова полуостровo исто така се дојденци (**во однос на староседелците Македонци**) како и Србите... **Грците** се во Грчкото Кралство (1 300 000), а останатото (850 000) живеат во Тесалија (измешани се со **Македонците, Цинцарите и Турците**), во Ипер (измешани се со **Арнаутите и Македонците**), нешто во македонското, повеќе во тракиското приморје (меѓу **Македонците и Бугарите**) и...“[897]




ГЕОГРАФИЈА

ЗА СРЕДЊЕ ШКОЛЕ

ДРАГАШЕВИЋ

У БЕОГРАДУ

Цена 5 гроша сирм.



Учебникот *Географија за средните училишта* во Србија од Драгашевиќ (1871).

1872 год. Ј. Драгашевиќ. Откако професорот Светислав Никетиќ реагирал на учебникот од Драгашевиќ во кој Македонците се наведени како најстари Словени, односно дека тоа не е точно, со тоа се загрозувале српските перспективи за проширување на југ, Драгашевиќ му одговорил: „Па не

[897] *Географија за средње школе*, израдио Драгашевић. Државна штампарија. Београд, 1871: 162-164.

верувам ни на вашите грешки, ако навистина не сум знаел и не знам дека **Македонците се посебна словенска група**. Но господине, тоа јас не го исцицав од прстите, туку за секој збор сум прашувал луѓе кои навистина повеќе знаат отколку јас и ти.“[898]

1872 год. Венјамин Мачуковски. „Изучувањето за бугарската граматика во **македонските училишта** е еден е од најтешките предмети за учениците, заедно со тоа најбестолковен. Тој им одзема доста долго време, и тоа не им пречи да немаат поим од граматика. Тоа произлегува од несообразноста во граматичките форми на досегашните издадени бугарските граматики со оние на **македонското наречје**. Тоа ми даде повод од време уште да обрнам врз нашето наречје и да го подведам под граматички форми и правила. Го имам веќе наредено првиот дел за граматиката и од успехот што го покажаа учениците во изучувањето на овој предмет по моите записки, наполно се убедив во постигнувањето на мојата цел. За да им дадам едно лесно раководство и на другите ученици по **Македонија** и да ги избавам своите од препишувањето, се решив да го напечатам овој мој трудец; но единствената стапка се средствата што ми пречат да го направам тоа. Поради тоа се обраќам со покорна молба кон г-да учителите по **Македонија** да се погрижат да ми соберат спомоштествованија, од кои исклучиво зависи издавањето на мојата книга...“[899]

1872 год. Иван Вазов, Бугарија/Османлиска Империја.[900] Во една од своите песни ги опишува припадниците на народите кои живеат во Цариград (Истанбул), правејќи разлика меѓу Бугарите и Македонците:

„И муслиман добродушен,
И Грк фудулин и лукав,
И Бугарин малодушен,
И **Македонец** чесен, прав,
И работливиот Ерменец,
И образованиот Французи…“

[898] Džambazovski, dr. K. „Srpska socijalistićka štampa o makedonskom nacionalnom pitanju poslednjih decenija XIX veka: Počeci socijalističke štampe na Balkanu“. *Međunarodni naučni skup posvećen stogodišnjici izlaska „Radenika“*. Beograd, 1974: 418.

[899] Конески, Б. *Кон македонската преродба* ... : 84-85.

[900] Иван Вазов - истакнат бугарски поет од втората половина на XIX век.

1872 год. Натанаил Кучевишки. „Јас сум **Македонец** од Скопско. Во Скопската епархија месно и автохтоно грчко семејство нема. Така е и со Дебарската, во Охридската, Воденската, во Битолската епархија; така е и во сите македонски епархии; има погрчени или гркомани Власи, некаде помалку, некаде повеќе.“[901]

1873 год. П. П. Карапетров, Бугарија/Османлиска Империја.[902] „Митхад-паша се обиде да ги убедува некои од личните македонски Бугари дека тие не се Бугари, туку **Македонци**; дека тие се народ посебен од бугарскиот, како што се докажувало и од нивниот јазик (наречје) којшто не е како бугарскиот, дека добро ќе сторат ако се одделат од Бугарите од Дунавската и Одринската Област (Мизија и Тракија) и дека на таков начин тие ќе си имаат и своја самостојна црква, обновувајќи им се Охридската архиепископија и уште некои други такви работи...“[903]

1874 год. Натанаил Кучевишки.[904] „Јас не еднаш лично сум се уверувал дека **македонскиот Славјанин** не може веќе да го трпи фанариотскиот јарем при сите разнобразни насилија, а ќе ја избере другата крајност, на која не се предава, со надеж постепено ќе се исполни и по однос на него последниот пункт од дадениот му царски ферман...“[905]

1874 год. Љубен Каравелов, Бугарија/Османлиска Империја. „Ако нѐ прашате нас, ние ќе кажеме дека стиховите на г-дин Жинзифов се лоши... Г-дин Жинзифов е лош поет поради тоа што е неталентиран и поради тоа што не го знае бугарскиот јазик.“[906]

1874 год. Ст. Салганџиев, Бугарија/Османлиска Империја. „Г-дин Едикој, г-н Незнамкој и г-н Познајкој, еднодушни неразделни со деловителот

---

[901] Георгиевски, К. „Од животот на охридско-пловдискиот митрополит Натанаил и дел од неговата кореспонденција со Охрид зачувана во оставнината на Јанаки Стрезов“. *Историја*, 2. Скопје, 1974: 321; *Жиснеописание титрополита охридско-рловдискаго Натанаила*. СНУК, кн. XXV. София, 1909: 3.

[902] Бугарски национален деец.

[903] *Сведоштва* ... : 26; Карапетровъ, П. П. *Сбирка отъ статии*. Срѣдецъ, 1898: 91.

[904] Од писмото на Натанаил Кучевишки до Н. П. Игнатиев, познат руски дипломат, кој е еден од најзаслужните за формирањето на Бугарската егзархија.

[905] Георгиевски, К. „Од животот ... : 327; Пловдиски, К. *Натанаил* ... : 368.

[906] Каравеловъ, Любен. *Периодически печатъ преди освобождението*...


на Солунската црковна општина, кои проповедаааат дека нивните деца не сакаат да учат на бугарски, туку на **македонски јазик**, и велат дека не се Бугари, туку **Македонци.“**[907]

1885 год. Атанас Шопов, Бугарија/Османлиска Империја. Шопов како секретар на Бугарската егзархија писмено се обратил до познатите руски слависти: Иван Сергевич Аксаков и Владимир Ив. Ламински, но и на Емил де ла Левеле од Лиеж и, меѓу другото, запишал: „**Словенскиот елемент во Македонија** страда, тој моли само едно: да му дадат можност да постои, да не ја разгоруваат неговата народност, да се моли и да учи на својот разбирлив јазик... **Македонците** на вас сметаат само едно - точно исполнување на Берлинскиот тракт, ветените реформи, ништо повеќе. Тие знаат дека поголема желба од оваа е опасна. **Македонците** се спремаат да испратат молби до европските држави, дури и депутации и да бараат точно исполнување на Берлинскиот трактат за сметка на Македонија.“[908]

1875 год. Ѓорѓија Пулевски.

[907] Весник *Вѣкъ*, 41. 19.10.1874: 3.

[908] Ѓорѓиев, В. „Неофицијални ставови од официјални бугарски личности и институции за македонскиот идентитет од крајот на XIX и почетокот на XX век“. *Годишен зборник*. УКИМ. Скопје: 256; Ристовски, Б. *Македонската нација*, 1. Мисла. Скопје, 1983: 491.




ЂЕРЕМЕТД-ЉИ, МУЂЕРЕМЕТ
ДАДЕРИ ЕЉИФ ШАНЛ
СУЛТАН АБДУЛ АЗИС АЗАМЕТ ЕФЕНД-М-З
Саис-нда чикмиш.

РЕЧНИК	ФЈАЉТОР	ЉУГАТ
ОД ТРИ ЈЕЗИЦА	ПЊА ТРИ ЈЕЗИКА	ЏЧ ЛИСАНЏЕН
С. МАКЕДОНСКИ	ШКИНИПТ МАКЕДОНИСЕ	МИСНИЈМАНЦЕ
АРВАЕСКИ	ШКИИ	АРНАУДЧЕС
И	ИЛИ	ИЊ
ТУРСКИ	ТУРЧИШ	С. МАКЕДОНЛУЦЕС
КЊИГА II	Љиберти II	ЌИТАВ II
НАПИСАО	КНАПРУТ	ЈАЗЕЉИ
Ђорђе М. Пуљевски.	Ђорђи Пуљес.	Ђорђе М. Пуљеоглу.

МИЈАК ГАЉИЧКИ.

У БЕОГРАД
У ДРЖАВНОЈ ШТАМПАРИЈИ
ТАБ ОЛУНЏИШ.
1875



Одг.

Народ се вељид, људи који се од еден род и који зборувајед еднаков збор, и који, живувајед и се другарад еден, со, други, и који, имајед, једнакви, обичаји и песни и весеља, тије људите ји викајед народ а место, во које живувад, народ, се вељид отечество, од тои, народ.

Така и Македонциве се народ и местово њивно је Македонија.

Пи.[909]

Што се вељид народ.

Одг.[910]


Народ се вељид, људи кои се од еден род и који зборувајед еднаков збор, и који, живувајед еднаков збор, и који, живувајед и се другарад еден, со други, и који, имајед, једнакви, обичаи и песни и весеља, тије људите ји викајед народ а место, во које живувад народ, се вељид отечество, од тои, народ.

Така и **Македонциве** се народ и местово њивно је Македонија.[911]

[909] Пи. - Питање - срп. (прашање)

[910] Одг. - одговор.

[911] *Речник од три језика* ... : 48-49.



Да ли сте чуле, Македонци, стари људи, шчо говорать:
„Одъ Македонци по юнаци надъ нихъ не било.
„Царь Александеръ Македонски тристе лѣта прѣдъ Христа
„Со Македонци сви вселену повладалъ“.
Нашъ краль Филипъ-Славянинъ е, царь Александеръ-Славянинъ е,
Наши баби славянски ги родиле.
Македонци! сѣтите се за юнаство македонско,
Та сироти старихъ вие сега да слѣдувате!
Не е страмота свое искати, ни за жалъ за свое умрети,
За това сега, Македонци, все помняните.
Не мой денеска да се прѣчкате, язикъ на язикъ да не низмете,
Сва единовѣрски сложите се, како као братья,
Братъ со братъ да се смилите, язикъ по вѣра задружите.
Свои единовѣрски приидите во домовину,
Турски зулумъ ни прѣвземи надъ наша честъ македонска.
Ялъ бранити се иль сви до единъ да изгинеме!
Родъ браните отъ Агирянци! Сви за еденъ животъ да сложимъ!
За то, юнаци македонскихъ, пробудите се!
По харно е да изгинеме въ наша мила татковина,
Отъ коли овакe да гледаме свяко злотворство.

Песна на Ѓорѓија Пулевски за Македонските јунаци.

1875 год. Кузман Баџовиќ.[912] „Сега, ете, љубезни браќа **Македонци**, Албанези и Старосрбијанци, гледате ли како постапува прво Егзархијата со нас, а камо ли нашето стадо... Та тие сакаат да постапуваат со нас полошо отколку од самите фанариоти. Тие сакаат да нѐ одржуваат во простотија и во незнаење. Тие само сакаат да имаме такви школи во кои би се изучувал само бугарскиот јазик, а не на својот мајчин јазик, тие велат што ќе ви се вам такви големи училишта, па да имете толкав трошок...

А за нас **Македонците**, Албанезите и Старосрбијанците викаат само: гледајте да се избавиме од Грчката патријаршија, па тогаш ќе има така за сѐ.“[913]

1875 год. Тоша Марковиќ, Србија. Расправија меѓу егзархискиот владика Дамаскин со српскиот учител Тоша Марковиќ кај кајмакамот во Велес. „Слушај, меџлису, како ме резили овој човек, па уште да знаете какво писмо ми напиша... Јас му го пресеков зборот и му кажав на кајмакамот дека токму владиката е политичен човек, а не јас, бидејќи тој како **македонски владика** се бори за онаа партија на која тој апсолутно не ѝ припаѓа, а тоа е на Бугарите. Вистина е тоа дека тој како Бугарин е македонски владика, но до вчера беа грчките владики, па дали за време на овие владики оваа земја се нарекуваше

[912] Македонски учебникар и учител.

[913] *Сведоштва* ... : 28-29.

Бугарија или Македонија, а јас сум готов во секое време да му докажам на кајмакамот дека е **ова стар словенски народ**, народ кој по својот јазик, по својот обичај, по своите песни им припаѓа повеќе на Србите отколку на Бугарите, и дека **Македонецот** никако не разбира бугарски... а друго, отворете ги сите светски истории кои јасно говорат за **македонскиот народ како за чисто словенски, и тоа најстар словенски народ,** а тоа што Бугарите имаат страст сè што на Балканскиот Полуостров говори словенски јазик - да го побугари, и тоа што денес бугарските школи се воведени на некои наши места на подол начин, **со тоа сè уште не се докажало дека Македонците се Бугари.“**[914]



Димитар Поп Георгиев Беровски

1876 год. Димитрија Поп Георгиев Беровски.[915] Во своите записки македонскиот револуционер и востанички водач во делот на сеќавањата кога

[914] *Граѓа за историјата на македонскиот народ*..., цит. дело, том III: 178 180.

[915] Димитар Поп Георгиев Беровски е роден во 1840 год. во Берово. Таму го завршил своето основно образование. Заминал за Одеса за да го продолжи своето образование во Духовната семинарија. Оттаму бил исклучен поради неговата бунтовност и во 1861 година се запишал и завршил воено училиште во Белград. По завршувањето на училиштето се вратил во родниот крај, каде што работел како учител и веднаш се вклучил во врховните борби против фанариотскиот митрополит во Струмица. Од 1875 до 1879 година бил активен учесник во револуционерната борба за ослободување на Македонија во Разловечкото и Македонското/ Кресненското востание. Бил прогонуван и затворан од турските и бугарските власти. Емигрирал во Ќустендил, каде што починал во 1907 година.

бил протеран од Малешевијата, а во врска со протестот на Малешевци против грчкиот владика Јеротеј, меѓу останатото, напишал: „Овде народната волја беше нескршлива до очајание. За да се задоволи, владиката Јеротеј беше најсрамотно истеран пред лицето на власта не само од Берово туку и надвор од округот... но и јас како претставник на округот по црковното прашање и уште како полномошник (векил) на округот на **Македонци** и Турци за сите дела со власта...“[916]



Знамето на Разловечкото востание од 1876 година:
„Македонија - станете да ви освобода“.

[916] *Документи за борбата...*, 242-244; Миновски, М. „Новооткриени документи за револуционерната дејност на Димитар по Георгиев Беровски“. *Гласник*, 3. 1973: 143-146.

1876 год. Народен пејач.

Запалѝ се, Мàце планинàта,
Планинàта ле, Мàце, Митришѝнска,
Митришѝнска Мàце мóри, Будинàрска,
Будинàрска, ле Мàце, ем Разлóвска,
И полѐто, ле Мàце, Пијанѐчко,
Запалѝ ја, Мàце, млад војвóда,
Млад војвóда ле, Мàце, млад Димѝтар
Поп Георгѝев, Мàце мóре, от Берóво,
И поп Стóјан ле, Мàце, от Разлóвца,
Македóнско знаме, Мàце, ја развјàва.
Пýшки пýкат ле, Мàце, óгин гóри,
Па се гóрат, Мàце мóре тапийте
Тапийте ле, Мàце, рабýшите,
Ај се бóрат, Мàце мóре, **Македóнци**,
Македóнци, ле Мàце, за свобóда.[917]

1877 год. Прилепска црковно-училишна општина. Во изјавата на 26 члена на чело со свештеникот Спасе Игуманов до локалната турска власт, меѓу другото, пишува: „Ние долупотпишаните од град Прилеп, поданици на неговото Императорство и Величество, августејшиот султан Абдул Хамид II, сакаме да имаме **македонско народно училиште**, бидејќи **ние не сме родум Бугари**, затоа не познаваме ни бугарска Ц(рковна) општина и ни нивните училишта.

За религиозна заштита го познаваме папата, но без измена на догмите на православната црква.

2.1887 г. јули

Прилеп (печати)

Свештеник Спасе Игуманов

...(следат 25 потпис на угледни прилепчани).“[918]


1877 - 1878 год. Петар В. Алабин, Русија. Руски општественик и публицист за Руско-турската војна и македонските доброволци во неа.

[917] Истото, 70-71.

[918] Миноски, М. „Два документа ... : 325-330; (Архив савезног секретаријата иностраних послова - Београд, Фонд: Министарство, иностраних послова, политичко оделње (АССИП). МИП ПО, П-3, Ф. 1, Прилог, Изявлене, 2.7.1877 год.)

„Најголема потреба од парична помош имаа **Македонците** кои немаат можност да се вратат на домашните огништа, зашто **нивната татковина и натаму е запоседната од Турците**. Меѓутоа, познато е дека **Македонците беа најдобрите луѓе во дружините (и) со својата храброст и машкост во борбите ги восхитуваа дури и нашите стари војници.** Јас им раздадов на таквите Македонци за прехрана 894 франка, очекувајќи ја можноста за нивното враќање во татковината.“[919]

1878 год. Барање на група Македонци до европските Големи Сили.[920] „Во овој час, кога решава судбината на народите на Балканскиот Полуостров, слушаме дека Грците работат против нашето обединување со нашите словенски браќа[921] и ги претставуваат **Македонците, кои се најстари Словени на Балканскиот Полуостров** и живееле долго заедно со Србите во државна заедница, а под својот цар Самуил биле самостојни - за Грција... народот на Македонија, освен тесниот раб покрај морето..., е исклучиво словенски.“[922]



Получено на 11 О/врiи

Въ Джумайскій Македонскій Комитетъ!

По выбору народа и Войска я назначенъ атаманомъ Македонс инсургентовъ, — я назначилъ Начальникомъ штаба Димитрія П. Георгіева, о чемъ всемъ Комитетамъ сообщаю. Вы стесняитесь писать „отъ ... „Македонскаго комитета. Это имя ни умрѣтъ почему заявляю что безъ слова „Македон“ Ваши письма будутъ возвращаемы назадъ — прошу заявить — всѣмъ комитетамъ.

9 Окт.
78 года

А. Калмыковъ

1878 год. Од руската царска тајна архива, Русија. Откако Бугарија била ослободена од Русите, истото тоа го очекувале **Македонците** и биле вознемирени за својата татковина, но до тоа не дошло, па затоа, меѓу другото:

---

[919] *Документи за борбата...*, том 1: 245*; Освобождение Болгарии од турцкого ига*. Т.Ш., 296.

[920] Наведената група тогаш испратила две алтернативни барања: прво барала присоединување на Македонија кон Србија, но доколку тоа не било згодно да се постави, барала автономија за Македонија. Групата дејствувала под контрола на српската Влада, така што не можела докрај да ги постави своите барања. Тука за нас е битно, и покрај српското туторство, дека пред европските сили настапиле со ставот дека Македонците се посебен народ и најстари Словени на Балканскиот Полуостров.

[921] Се мисли на Србите.

[922] Поплазаров, Р. *Санстефанска фикција и посебноста на Македонија*. Култура. Скопје, 1978: 43-44; Архив ист. института, Београд, А, ИИ, Вгд, збирка Ј. Ристића, инв. бр. 12/581, сиг. XII/5, 12.4.1878..., според Џамазовски, К. *Македонски атономистички покрет...: Југословенски народи пред I светски рат*. Београд, 1967: 1005.

„Грофот Шувалов моли да се донесат сите потребни мерки за смирување на **Македонија**. Заради тоа би било пожелно да се испратат таму опитни агенти, да им се објави на **Македонците** од името на владетелот император дека Неговото Величество се грижи за нивната судбина еднакво како и за другите Словени, и дека ќе им биде дадена таква иста слобода како на Бугарите, сега веќе ослободени..."[923]

1878 год. Ѓорѓија Пулевски:

1. Сверх планиње **македонских** ежедневна темнина.
Дал покрила темна могла ил темен облак?
2. Дал естество ноќ створило - темно да бидет
В Кралевину **Македонску** од времја оно до века...
...
58. Дал сте чуле, **Македонци**, стари људи оту говорат:
От **Македонци** појунаци над них не било -
Цар Александар Македонски тристо лета пред Христа
Со Македонци сву вселену повладал...[924]

Пи.

А славјанскиод јазик аљи је секаде, еднаков, иљи не кажими, според.

Од.

Славјанскиод, језик, имад пет разљике.

Пи.

Кои се тие разљики кажими според.

Од.

Тије се руски, хрватски, бошњачки, бугарски и **македонски**.

Пи.

Који јазици се нађик еден со другиод, од напред речените.

Од.

Рускијод и бугарскијод, и **македонскијод** је најбљизу се.
А хрватскијод, и бошњачкијод, и **македонскијод** на најбљизу се.

Пи.

---

[923] *Документи за борбата*..., том 1: 237-238; *Документи из секретните архиви на Руското правителство*. София: 11-12.

[924] Ристовски, Б. *Ѓорѓија М.* „Пулевски и неговите книшки *Самовила Македонска* и *Македонака песнарка*". Библиотека на списанието *Македонски фолклор*, 1. Институт за фолклор. Скопје, 1973: 39-43.

А македонскијод јазик. Кога је бљизу со бошњачкијод зашто се именувајед с. **Македонскиојод јазик** је најсроден со црквено славјанските књиги, и тои је **старославјански**.[925]

1878 год. Петнаесет малешевски главатари.[926] „**Нашата македонска крв** со која сме решени по неволја да се крвавиме **оваа од пред две илјади години немилостиво осудена и презрена Македонија**, при сегашниве европски владетелски народи ќе даде ли крај за да не ѝ се одмаздува веќе на великата и некогашна слава!!!... Азијатските народи можеби по нивните стари преданија да го сакаат заличувањето во светот на името **Македонија**! А просветена Европа има ли причини и уште ли не родила спасител да нѐ избави од нашиот **праотечески грев**?“[927]

1878 год. Правила на Македонскиот востанички комитет. „Познато ни е на сите нас дека злосреќната наша **Македонија** поради причини за егоистички цели од страна на Големите Сили **е оставена пак на Турција по Берлинскиот конгрес**... Во желба да го отфрлиме од нашата татковина турскиот јарем, секој од нас, кој колку може, станавме да се жртвуваме, бидејќи од секого од нас е нужна помош. Ние востанавме како поборници на слободата. Со нашата крв што ја пролеавме низ полињата и горите македонски, ние служиме како македонска војска на Александар Македонски, за слободата на нашата девиза: ’Слобода или смрт‘.

Целта на востанието во Македонија

1. Востанието во **Македонија**, кое сега уште е локално, треба да се прошири низ цела **Македонија**.
2. Во востанието учествуваат луѓе од самата **Македонија** кои се чувствуваат **Македонци** и ја сакаат слободата на својата татковина.


---

925 *Речник од три језика с. македонски, арбански и турски*, књига II. Написао Ђорђе М. Пуљевски, Мијак Гаљички. У Београду државној штампарији Таб Олупмиш. 1875: 40.

926 Ова писмо од 24.11.1878 год. било составено од 15-те малешевски главатари и 58-те малешевски бегалци во Бугарија по Разловечкото востание кое му го испратиле на генералниот конзул на Англија во Солун баронот Едмонд Фицморис.

927 *Освобождение Болгарии од турецкого ига*. Документи в трех томах, III, Москава, 1967, док. бр. 205; Поповски, В. „Борбата за создавање македонска државност во периодот на Големата источна криза“. Научна конференција на МАНУ и БАН. *Зборник - Ослободителните борби на Македонија од источната криза до балканските војни.* Битола, 24 јули 2015: 61-85.

3. Во востанието можат да учествуваат и сите македонски жители, без разлика на вера и народност, стига да ја сакаат слободата.
4. Сите доброжелатели на **Македонците** од соседните и подалечните земји можат да учествуваат во **Македонското востание** ако му се покоруваат на **Македонскиот востанички комитет** и искрено се залагаат за ослободување ба **Македонија**.
9. Нашата цел на **Македонското востание** не е никаква тајна. Таа е ослободување на **Македонија**, земјата на славните словенски просветители и учители, св. Кирил и Методиј, која со векови страда под турското иго. Затоа, секој што не се бори за нејзиното ослободување, туку си прави своја сметка - за него нема место во востанието.


† КИРИЛ
ПАТРИАРХ БЪЛГАРСКИ,

Правила на Македонскиот востанички комитет од 1878 год.

Воените правила за македонската војска.

15. **Секој христијанин и мохамеданец, Македонец**, Турчин, Арнаут, Влав и друг којшто ќе се покаже како противник на

востанието и на востаниците ќе се гони и откако ќе биде фатен, ќе се казни соодветно.

71. Доколку се установи дека станува збор за шпион или пропагандист или разбојник дојден од **Турско, Грчко, Бугарско, Српско, Русин, Бошњак** или од каде било и да е, ќе се преиспита кој го испраќа, за која цел и за сè што правел по востаничките места и ќе се казнува според тежината на сторените дела или ќе се врати назад.

79. Татковински долг е секој **Македонец** што и да разбере за непријателот, а е во полза на востанието, да им го соопшти тоа веднаш на стотниците на **македонската војска**.

194. **Нашите Македонци, дедовци и татковци** се бореа и ја лееја својата крв за слободата грчка и српска, за ослободувањето на Бугарија, не пожалија за општата слобода наша. Сега е време тие да се покажат како вистински потомци на славните свои ослободители и последовници и на своите врсници да им помогнат во ослободувањето на **Македонија** од петвековното ропство.“[928]


Член 200. „Светата Бугарска егзархија на чело со Неговото Блаженство води политика повеќе од чудна, бидејќи под претекст дека се грижи за **Македонците**, кои остануваат под непосредна власт на Турците, одржува тесни врски со турската Влада во Цариград и има големо пријателство со неа, така што преку таа влада си мисли дека, угодувајќи им на Турците, ќе спечали да има влијание пред нив, за да испраќа духовни началници (владици) во Македонија, кои ќе го зштитуваат македонското население од потисниците. **Тешко на Македонија! Македонскиот востанички комитет** не ја одобрува таквата несмасна политика којашто ги разбива сосредоточените народни сили - ѝ ги врзува рацете на **Македонија** за ослободувањето.[929]

1878 год. Кузман Баџовиќ. Кузман Баџовиќ, учител и емигрант во Србија, за време на Македонското востание со центар во Кресна нуди помош на востаниците и му пишува писмо на Натанаил Охридски. Меѓу останатото, пишува за неговите чувства и желби откако разбрал за востанието: „Ја па и

[928] *Документи за борбата*..., том 1: 245-260; (Од приватната архива на Кирил, патријарх бугарски, заведено под сиг. арх. дело 2341, АЕ 50, л.л. 30-61, Резиденција на манастирот во Драгалевци, Софија, НР Бугарија)

[929] *Документи за борбата на македонскиот*, 245-260.

цело мое друштво и тогава рекох: О судбино Божјо за оште не се раскидају ланци петстогодишни који тишди нашег народа! Зар оште клетва Адамова на **македонском народу**... А **Македонци** окусише дух слободе зато е сваки решен умрети за час златну слобод него живети у ропство и азијатско тиранство..."[930]



Писмо потпишано од началникот на Македонското востание, Димитар Поп Георгиев Беровски и печатот на којшто пишува „Печат началник Штаба на Македонското востание 1878".

[930] *Документи за борбата*..., том 1: 262-263; Български патријарх Кирил, *Съпротивата срещу Берлинския договор*. София, 1955: 124 (док. бр. 7).

1878 год. Димитар Поп Георгиев Беровски до бугарските комитети *Единство*. „Вие се воздржувате да пишувате од (името) на **македонскиот народ**. **Ова име нема да изумре**. Затоа изјавувам дека без зборот **Македон** Вашите писма ќе бидат враќани назад - молам да им јавите на сите комитети.“[931]


1878 год. Кузман Баџовиќ до организаторите на Кресненското востание. „Кажете искрено, мислите да одите во Македонија или во Тракија, зашто ако одите во Македонија, **јас како Македонец** можам да дојдам, инаку никако не доаѓам.“[932]

1878 год. Македонски имигранти во Кнежевството Србија.

„Пречесни Оче Архимандрите!

У овај час, кога се решава судбина од Народ на Балкански Полуостров, слушаме како Грци работајет против соједињење наше с браћом нашом словенским и претстављат **Македонце**, **који се најстари Словени на Балкански Полуостров** и живееле дуго заједно со Србима у државна заједница, а под свој цар Самуил самосталне биле.“[933]

1878 год. *Соут Велс дејли њус*, Велика Британија.



SOUTH WALES DAILY NEWS, TUESDAY, MAY 28, 1878.

CASH immediately ADVANCED without sureties from £5 to £1,000 to Householders, Tradesmen, Publicans, Farmers, Mechanics and others, in town or country, on their Furniture, Stock-in-Trade, Cattle, &c.

BOYLE & Co., BOOT & SHOE MERCHANTS.

ESTABLISHED SEVENTY YEARS. STRANAGHAN AND STEPHENS

I suppose it is by way of preparation for the English protectorate that another batch of Foreign Office papers has just been found. It is styled "Turkey, No. 31, (1878) correspondence respecting the objections raised by populations inhabiting Turkish provinces against the territorial changes proposed in the preliminary Treaty, signed at San Stefano." There are over 40 of the documents. They come from Macedonians, Albanians, Armenians, and no end of nationalities, all protesting against falling into the clutches of Russia, and begging that if the Sultan can no longer protect them, Queen Victoria will. The

Авторот на текстот (1878) дава информација дека „е пронајдена друга група документи од Форин Офис“ и дека „тие потекнуваат од **македонски**, албански, ерменски и други неброени националности...“[937]

---

[931] Кацаров - Кепев, *Документи по Кресненското въстание от 1878 год*., XXXVI 28. Сб. БАНУ. София, 1949.

[932] Писма на К. и Д. Баџовиќ; објавени од Б.П. Кирил. *Съпротивата*: 124-125, 172-173.

[933] *Граѓа за историјата*..., том III, книга II: 319.

[937] South Wales daily news, Tuesday, may 26, 1878.

1878 год. Македонско друштво во Турну Северин, Романија. „Македонија остана неослободена... Затоа сега... сите **Македонци** треба да се дигнеме против непријателите и да ја пролееме крвта за нашето ослободување, да види цела Европа дека сме народ достоен да ја прими слободата и да застанеме меѓу цивилизираниот свет со своја сопствена администрација...“[938]

1878 год. Едвард Баркер, Велика Британија.[939] Во информацијата за Македонското востание со центар во Крена до британскиот амбасадор во Истанбул, меѓу другото, се вели: „Имам чест да Ве информирам... дека бројот на востаниците изнесува 15 000 војници вооружени со добри хенри-мартинки пушки, истите оние што Русите им ги одзедоа на Турците; и оти се снабдени со муниција... Овде е владиката од Мелник... Тој изјави дека **востаниците кои себеси се викаат „Македонци“** побарале од него поголема сума пари за неговите парохијци..., велејќи дека парите ќе му бидат вратени кога тие ќе ја ослободат својата земја Македонија...“.[940]

1878 год. Разговори со М. Тирс и М. Гизот и други различни личности за време на Втората Империја, Велика Британија. „Вистинските Грци никогаш немаше да ги протераат Турците... Тоа беа Албанците и **Македонците** и странците кои се бореа против Турците...“[941]

1878 год. Генерал Калерги. Авторот на Грчката револуција од 1843 година, генералот Калерги, подоцна министер на Грција, за британско списание изјавил: „Вистинските Грци не би ги протерале Турците. Тие се премногу деградирани дури и да ја посакуваат слободата... Имаме многу **Албанци, Македонци** и други странци кои се бореа против Турците.“[942]

1878/79 год. Димитрије Тодоровиќ, Србија. „Бидејќи денеска претпладне ќе го примите Димитрије Робе-Робиќ,[943] за тоа нужно молам претходно за него да ви соопштам што следува. Кога тој дојде во Белград околу него се групираа две групи: српска и бугарска, кој сега секој од нив изгубија влијание

---

[938] Поплазаров, Р. *Санстефанска фикција* ... : 51.

[939] Е. Баркер бил британски заменик генерален конзул во Солун, испратил писмо до сер Хенри Остин Леард, амбасадор на Велика Британија во Цариград од 2 ноември 1878 год.

[940] PRO FO 195/1189, ДАРСМ, М-8, сн. 627-628.

[941] *Conversations with M. Thhrirs, M. Guzizot, and other distinguished persons, during the second empire*. London, 1878: 305.

[942] Nassav Wiliam senior. *Conversations*. London, 1878: 304-305.

[943] Димитрија Робев, член на познатото семејство Робеви од Охрид.

над него. Бидејќи беше кај господин митрополитот, кај него по претходна спогодба отиде кај Бана, кој, кога се врати рече 'дека Робе наоѓа за праведно Стара Србија сета да им припадне на Србите дека тој е умерен Бугарин'. Денеска тој веќе не сака да е Бугарин, а уште помалку Грк, туку сонува за **независна Македонија**, зашто вели, му рекол на Игнатиев[944] дека **Македонија не може да му припадне на ниту еден од трите народи на Балканскиот полуостров**..."[945]

1879 год. Македонската емиграција од Турну Северин, Романија.[946] Печалбарите од овој град преку настојништвото на Македонското друштво во градот испраќа парични прилози за Македонското (Кресненско) востание и, меѓу останатото, му пишуваат на еден од водачите на востанието, Натанаил Охридски: „Свепреосвештенејшему Г. Митрополиту Натанаилу и Кирилу и свима **македонцима** кое се налазу на бојноме поле.

Вашега поверенога избранога човека од славнога комитета по имену г-н Илија Крстов, иначе (Жупан) роген из Струга, кои е принео вашите рукописани ви писма за Турну Сеферину, и свима **Македонцима** които подбуждавате за народната ви свобода испод туркога ага или (јармом)..."

1879 год. Весник *Овенс енд Марej Адветајзер*, Австралија. Под наслов „Македонско востание", краткото известување, најверојатно се однесува на „Македонското востание" со центар во Кресна од 1878 год.: „Народот во Македонија е во состојба на оружено востание и ја одбил раката од страна на турската Влада во поглед на воспоставување мир во земјата. Бунтовниците бараат автономија."[947]

---


[944] Грофот Игнатиев бил руски амбасдор во Цариград кој извршил дипломатски притисок врз Портата за формирње Бугарската егзархија и еден од креаторите на санстефанска Бугарија.

[945] Историјски институт Р Србије, Збирка Јована Ристића, К 18, инв. бр. 12/581, сиг. 12-5; Ташковски, Д. *Раѓањето*..., 137-138.

[946] „Тамошните Македонци посебноста ја пројавувале преку организираниот самостоен живот во месните 'Македонски друштва' кои изгледа биле здружени во едно 'Македонско централно благотворно општество' со седиште во Турну Северин во нив членувале работници, занаетчии (и цели еснафи) и други наши луѓе од Кичевско, Срушко, Охридско и од други области."

[947] *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје, 12-13; Овенс енд Марej Адвертајзер, Бичворт (Австралиска новинска агенција), „Македонско востание", 24 мај 1879, 4.

1879 год. Б. Едвард - Б. Баркер, Велика Британија.



ACCOUNTS AND PAPERS:

FORTY-ONE VOLUMES.

—(38.)—

STATE PAPERS—continued.

TURKEY.

Session

5 December 1878 — 15 August 1879.

79

VOL. LXXIX.

1878-9.

Inclosure 11 in No. 259.

Acting Consul Barker to Sir A. H. Layard.

Sir, *Salonica, November 2, 1878.*

I HAVE the honour to inform your Excellency that a deserter from the Bulgarian camp has come here, and has said at the konak that the number of these insurgents is 15,000, armed with good Henry-Martini rifles, the very same which the Russians had taken from the Turks; and that they have field-pieces, but does not know the number.

The Bishop of Melenic is here; he has come, as have also all the other Bishops, to pay his respects to the new Patriarch Joachim, before he leaves Salonica for Constantinople.

He declares that the insurgents, calling themselves "Macedonians," demanded a large sum of money from him for his parishioners, and offered to give a receipt, saying the money will be repaid when they came into possession of their country, "Macedonia." As this sum was excessive, so that there was no hope of paying it, the Bishop came away to Serres by night.

Two British merchant-steamers arrived to-day from Constantinople, having on board altogether about 2,400 Turkish soldiers, principally men returned prisoners from Russia; they are going (most of them) to Kossova.

There are about 8,000 men forming the corps d'armée at Kossova, but reinforcements are being daily sent up by rail; Liva Ibraheem Pasha has been sent to command them.

Chefket Pasha, by order of the Seraskeriat, has been replaced here by Salih Pasha, who has come here from Kozanee with his Aide-de-camp, Major Bell. Chefket Pasha, ordered to go to Monastir, has telegraphed to be allowed to return to Constantinople.

The Circassians who have come here from Smyrna are being gradually sent up to Monastir and the Kossova district.

I have, &c.

(Signed) EDWARD B. B. BARKER.

Constantinople.

He declares that the insurgents, calling themselves "Macedonians," demanded a large sum of money from him for his parishioners, and offered to give a receipt, saying the money will be repaid when they came into possession of their country, "Macedonia." As this sum was excessive, so that there was no hope of paying it, the Bishop came away to Serres by night.

Two British merchant-steamers arrived to-day from Constantinople, having on

Едвард Баркер, британскиот конзул во писмото до сер Лајард, го известува за востанието во Македонија каде што има 15 000 вооружени востаници. Исто така, епископот од Мелник го известил дека „тој изјавува дека бунтовниците, нарекувајќи се себеси како **'Македонци'**, ограбиле голема сума пари и дека ќе бидат вратени кога ќе ја ослободат Македонија..."[948]

1880 год. Улјанов, Русија.[951] Според него, „зад Привремената влада на Македонија на Грамос Планина..., секако стои споменатата легија на Македонците... Така, според сигурни извори дошло до заеднички акции на востаниците од источниот и јужниот дел на Македонија...[952] притоа, овојпат се исклучува можноста за какво било присоединување на оваа територија кон двете бугарски области или кон Грција и според Протоколарното решение на оваа Привремена влада завојувачите се стремат да ја распокинат Македонија,

[948] https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/03/1878.11.02_Edward-B.-B.-Barker-Accounts-and-Papers-768x486.jpg.

[951] Руски конзул во Солун.

[952] Тука Улјанов мисли на Привремената влада на Македонија од Пирин и Привремената влада на Македонија од Грамос.

со што се руши националното постоење на **Македонците**... и единствено Македонија, која во древно време имала своја цивилизација и ги дала Аристотел и Александар Велики, е лишена од секаква помош...“[953]

1880 год. Војвода Дедо Иљо Малешевски. Леонидас Вулгарис пишува за средбата на некои македонски револуционери и неговиот став за Македонија и соседните држави: „**Војводата Иљо** беше одушевен поради нашето присуство и не жалеше труд да дојдеме во оваа селска куќа на Пирин. Ја одобри спогодбата со Дијамандиев, но **забележливо се муртеше околу покровителството на Бугарија и Грција**. Забележа **што ќе стане ако дотуриме покровителство на Србија** и рече дека одиме пак на старото. Оставете ги сите тие кои ни ја матат водата. **Кој ќе ни верува оти се бориме за слободата на Македонија, кога тие покровители сакаат да ја распарчат. Ние наполно се согласуваме со него и решивме да работиме тајно, и од Бугарите и од Србите.“[954]**



Дедо Иљо Малешевски

[953] Извештај на Улјанов од 30.7/11.8.188... Димевски, С. „Привремена влада на Македонија.“ *Разгледи*, XV, 1-1. 1973: 172-175, 178-180.

[954] Димевски, С. *Македонската лига и Усатавот*, 134-137.

1880 год. Привремена влада на Македонија *Единство*. „По силата на сето ова, Собранието на македонските претставници рече:

Да ѝ се даде на знаење најнапред на Високата порта, преку главниот управител (валијата) на Македонија, праведните барања на **македонскиот народ** да се исполнат со брзо **применување на чл. 23 од Берлинскиот договор**.

1. Ова решение да им биде врачено на конзулските претставници на Големите Сили - потписнички на Берлинскиот договор со молба Големите Сили да се застапат за применување **на чл. 23 од Берлинскиот договор**. Во случај Високата порта да не стори ништо, Привремената влада на Македонија ќе го повика македонскиот народ на оружје со паролата: **Македонија за Македонците, за воспоставување на древната Македонија.**

1880 год. Привремена влада на Македонија *Единство*. Привремената влада, како и Штабот и востаниците на Македонското (Кресненско) востание, во своето писмено обраќање до рускиот цар јасно ги прикажува состојбите во Македонија каде што живеат повеќе народи, меѓу кои и Македонците.

„Од името на **Привремената влада на Македонија** ви го испраќаме ова протоколарно решение на националното собрание на **Македонија**, со молба да го испратите до Н.В. серускиот император Александар II. Се надеваме дека руската Влада ќе ги потпомогне **праведните барања на македонскиот народ** и ќе помогне да се здобие со правдини слични на останатите балкански народи.

П Р О Т О К О Л А Р Н О Р Е Ш Е Н И Е

Националното собрание на **македонскиот народ**, составено од привремените претставници на народот од различните области, се собра на Гермен Теке, ја разгледа општата политичка положба во земјата и го претресе сето она што би требало да се стори за да се постигне национална цел на **Македонија**. Притоа, се имаше предвид макотрпната историја на оваа земјата која со векови страдала од разбојништва..."[955]

1880 год. Привремена влада - *Еднаквост*.

„О Д Л У К А

Собрани денес на 21 мај во милостива 1880 година на врвот Грами од Округот Остеова, ние, избраниците на **македонскиот народ** и потписници, во

[955] *Документи за борбата...*, том 1: 265-267; Arhiva Ministerul Afacerilor Straine (Bucuresti) Fondul Constantinopol. Consulat Salonic, 31.7/12.8.1880: 28-33.

својство на претставници од одделните области во **Македонија**, со цел да ја согледаме нашата општа политика и да соработуваме со сите што би можеле да придонесат за исполнување на желбите на **Македонците**, по повеќе дадени предлози членовите на ова Привремено национално собрание едногласно го одлучија следното:

...Со оглед на тоа што во **Македонија** поради политички цели беа воспоставени етнички поделби, поделувајќи нè на Грци, Словени, Власи, Османлии, и што нашите освојувачи со оваа вешта политика сакаат да ја распарчат **Македонија**, да го уништат и нашето национално постоење, ширејќи го факелот на раздорот за вечно да нè држат под нивниот јарем.“[956]

1880 год. Манифест на Главниот штаб на Македонската војска.[957]

Прогласен на Пирин Планина на 29 јуни 1880 год.

„Браќа **Македонци,**

Еве петстотини години црни темни облаци се надвиснале над сите **Македонци** и нашата татковина. Ние, клети робови на Османлиите, не можеме веќе да ги трпиме страшните пискотници на нашите силувани мајки и сестри, на децата отргнати од мајчините гради. Дојде нож до коска! Никој веќе не ги слуша нашите пискотници. Христијанска Европа го предаде нашиот страдален народ на самоволието на турскиот верски фанатизам. Нашата последна надеж, членот 23 од Берлинскиот договор, пропадна. Не ни останува ништо друго освен да земеме оружје в рака со слоганот ’**Смрт или слобода за Мкедонија**‘. Со тешко срце се решивме на овој чекор, знаејќи дека таа борба ќе биде тешка и крвава, но принудени сме да ја земеме судбината во наши раце. Не им верувме веќе на ветувањата, зошто крвта на нашите жртви повикува на одмазда.

Македонци,

Наближува часот да се судриме со нашиот вековен поробител. Подгответе се како верни синови на нашата страдална Македонија. Заборавете ги сите меѓусебни кавги, зашто сите ние сме нејзини синови, независно од вера и народност. Ние сме пред сè и над сè Македонци. Не верувајте им на нашите соседи кои се провреле меѓу нас како змии нè мамат за нивните сопствени интереси. Здружете се под знамето на Македонија, дигнете го високо, високо во борбата за слобода и независност. Само така

[956] *Романски дипломатски документи за Македонија (1880 - 1900)*. ДАРМ. Скопје, 2018: 79-83.

[957] Манифестот бил прогласен на 29 јуни 1880 година на Пирин Планина. Бил испратен до сите дипломатски претствници во Битола, Солун и Цариград.

сложни ќе успееме да ја сочуваме за нас нашата мила татковина Македонија и да добиеме целосна автономија.

Храбри македонски синови,

Нашите соседи одвај чекаат да ја грабнат Македонија за себе. Да ја поделат да ја раскасапат. Да се здружиме под едно знаме: само **Македонци**, зашто само соединети како браќа ќе можеме да се ослободиме од очајот и турскиот јарем и да си останеме свои на своја земја...

Денеска имаме наша **македонска војска** во нашите планини, можеби не уште бројна, но со Божја помош и ваша ќе стане силна. Ќе се бори за ослободување и ќе извојува победа на нашата прекрасна татковина.

Затоа, ве молиме браќа **Македонци**, не го земајте овој Манифест како уште еден повик, подготвувјте се за општо **Македонско востание** против нашите вечни тирани. Се надеваме дека сите вистински **Македонци** ќе го чујат повикот за нашата крвава борба. Затоа го завршуваме овој повик со девизта: 'Смрт или Слобода!'

Да живее слободна Македонија!

Главен штаб на **Македонската војска** во рамките на **Македонската лига**.
Претседтел: В. Дијамандиев;
Главни војводи: Иљо Малешевски;
Кочо војвода од с. Лакоса, Сереско;
Коста војвода од с. Левуново, Мелник;
Ангел војвода од село Куманич, Неврокопско;
Миледиџик војвода од село Куманич, Неврокопско;
Стојан војвода од с. Џегурово, Мелник;
Георги војвода од с. Карчево, Демирхисарско;
Тодор војвода од село Страчишта, Неврокопско.
Пирин Планина 29 јуни 1880 год."
(Печат со ликот на Александар Македонски).[958]

1880 год. Чедомиљ Мијатовиќ, Србија. Во неговата книга која се однесува на XV век, меѓу другото, запишал: „Вистина е знам добро дека турската војска брои две стотини илјади луѓе. Но повеќето се тоа пешаци и малку од нив се потполно вооружени. Освен тоа, во таа војска има голем број

[958] Централна архива на Октомвриската револуција и социјлистичката обнова на Москва, Фонд, Гроф Игнатиев, бр. 730, Опис 1, ед. бр. 79.

христијани, **Грци, Бугари, Македонци, Арбанаси, Словени, Власи,** Срби и др., кои сите му служат против својата волја.“[959]

1881 (23 март). Манифест на Привремената Влада на Македонија.[960]

„Македонци

Нашата мила татковина **Македонија** била некогаш една од најславните земји. **Македонскиот народ**, исто така, удирајќи ги првите темели на воената вештина со своите победнички фаланги... Таа е денес само географски поим. Како да се настојува нејзините победнички белези да бидат покриени со покривот на заборавот. Гробот ѝ го ископале нејзините интриганти, кои, крстосувајќи ја нашата земја, ѝ туриле разурнувачки отрови... Моментот за **Македонија** е критичен - се работи за нејзиниот живот или смрт.

Вистински Македонци, верни деца на татковината!

Зар ќе трпите нашата мила земја да пропадне? Погледајте ја како е покриена во ропство и со рани што ѝ ги направиле околните народи... Каква тажна глетка за вас **вистински Македонци** ќе биде ако станете очевидци на мојот погреб. Не, не, еве ви ги моите тешки синџири, скршете ги нив, излекувајте ги моите рани, направете сѐ на знамето што ќе го кренам да биде напишано: ’**Единствена и обединета Македонија**!‘ Штом тоа ќе го сторите храбро, истерајте ги од вашата земја овие убијци кои го држат во рацете знамето на неслогата и внесуваат отцепувачки страсти, **ве делат вас мои деца на безброј народности**; потоа, собирајќи се околу знамето на **Македонија**, како ваш единствен национален белег, дигнете го високо и подигнете го ова славно знаме за потоа да напишете едногласно:

’Да живее **македонскиот народ**, да живее **Македонија**!‘...

Македонци, сетете се за нашето потекло и немојте да го откажувате![961]

Манифест на Привремената влада на Македонија, 1881 год.

„**Македонци**...

Туѓи и сомнителни народи сакаат да ја заземат нашата земја и да ја уништат нашата народност, која, светејќи со таков сјај, не може и нема никогаш да пропадне... Со менување од еден јарем во друг, регенерацијата на Македонија нема да стане можна и нашата народност ќе пропадне. Моментот


---

[959] Мијатовић, Ч. *Деспот Ѓураѓ Бранковић, господар Србима, подунављу и зетском приморју*, прва књига. Државна штампарија. Београд, 1880: 128.

[960] Станува збор за истиот документ како и претходниот, но со мали разлики во преводот.

[961] *Документи за борбата*..., том 1: 267-268; (Центалъній Архив Октябрскоий революции и социалистичкаго строительства, СССР, Москава - Фонд Гр. Игнатьева бр. 730, опис бр. 1, ед. хр. 79.)

за Македонија е критичен: се работи за нејзиниот живот или смрт... Направете сè на знамето што ќе го кренам да биде напишано: 'Единствена и обединета Македонија! Штом тоа ќе го сторите храбро, истерајте ги од вашата земја овие убијци кои го држат во свои раце знамето на неслогата и внесуваат отцепувачки страсти, ве делат вас мои деца на безброј народности'..."[962]



important
as regards certain of the following
revelations, my informant only
consented to make them on my promise
that they sh^d be made known by me to
the British Gov^t alone.
Baron Gandlach's Statement -
In June of last year a number of the
leading notables of Macedonia & a number
of turbulent chieftains met in the small
town of Ostrowa, on the lake of that
name, & formed amongst themselves
an association to which they gave the
name of "The Provisional Gov^t of
Macedonia". This association still
exists, & its latest proclamation is very
warlike, calling on the people to prepare
for speedy action.
The object of the Provisional Gov^t is
not only to free Macedonia from Turkish
rule, but also to prevent the Province
falling under the domination of Austria

Извештај на британскиот амбасадор Гошен со изјава на баронот Гунтлах: „Целта на Привремената влада на Македонија не е само да ја ослободи Македонија од турското ропство туку таа да не подпадне под доминација на Австрија и да не биде соединета со Бугарија..."

1881 год. Џорџ Гоушен, Велика Британија.[963] Гоушен го известува Џон Блант, конзулот во Солун: „За Ваша информација Ви препраќам препис од писмото што го примив од г. Калкверт, во кое поднесува извештај за постоењето заговор за кревање востание во Македонија...

[962] Димевски, С. *Македонската лига и Уставот*, 134-137.

[963] Џ. Гоушен, вонреден и ополномоштен амбасадор на Велика Британија во Истанбул. Испратил писмо до Џон Блант, британски генерален конзул во Солун од 4.5.1881 год.

Господине, завчера двајца странци навратија во овој конзулат... некојси поручник во данската армија по име Адолф рече... служел во последната Турско-српска војна... Неговиот сопатник... ја има титулата барон Јобст фон Гундлах, родум од Меклонбург, а служел во грчката и германската армија... Баронот Гундлах редовно бил ангажиран од истиот македонски комитет како агент за ширење на нивните идеи во Источна Румелија и запишувал доброволци за 'скорешното востание во Македонија'.

Што се однесува до вистинитоста на долунаведените сознанија, мојот известувач се согласи да ми ги даде само доколку му ветам дека тие ќе ѝ бидат доставени на самата британска Влада."

(следи во прилог изјавата на баронот Гундлах)

ГУНДЛАХ: „Во јуни минатата година[964] една видна личност во Македонија и извесен број водачи на четите се сретнаа во малото гратче Острово... и основаа тело што го нарекоа 'Привремена влада на Македонија'. Ова тело сè уште постои, а неговата последна прокламација е исполнета со борбен дух во која се повикува народот да се подготви за брза акција.

Намерата на Привремената влада не е само да ја ослободи Македонија од турско ропство туку и да ја спречи провинцијата да потпадне под доминација на Австро-Унгарија... Нејзината цел не е соединување со Бугарија, туку формирање одвоено кнежество што ќе биде член на Балканската Конфедерација. Нејзината девиза е **Македонија на Македонците** ...

Привремената влада има комитети во сите поглавни градови во Македонија, како и во Источна Румелија...

Најновата прокламација од Привремената влада, која беше издадена пред две недели, беше преведена на француски од баронот Гундлах со следната содржина...


'Нашата мила и славна земја која создаде толку големи луѓе како Александар, Аристотел и др., кои со своите фаланги направија целиот свет да стравува, мора сега да направи напор повторно да ја врати својата независност. Ние имаме двајца непријатели, едниот се наоѓа меѓу нас, а другиот е алчен и суров и се наоѓа пред нашите порти. Подгответе се **Македонци**, да го земете оружјето бидејќи дојде часот кога треба да се извади мечот'..."[965]

---

[964] Се мисли на 1880 год.

[965] ДАРСМ, М-23, сн. 528-539; PRO FO 294/11.

1882 год. Едвард А. Фримен, Велика Британија.



THE

HISTORICAL GEOGRAPHY

OF

EUROPE

BY

EDWARD A. FREEMAN, D.C.L., LL.D.

HONORARY FELLOW OF TRINITY COLLEGE, OXFORD

IN TWO VOLUMES

VOL. I.—TEXT

SECOND EDITION

LONDON
LONGMANS, GREEN, AND CO.
NEW YORK
SCRIBNER AND WELFORD
1882

SLAVONIC SETTLEMENTS. 119

CHAP. V.

remnants were left of the old Illyrian race in the lands near the Danube. They have themselves to some extent taken the Illyrian name, a change which has sometimes led to confusion. But the movement for a while went much further south. The Slaves pressed on into a large part of Macedonia and Greece, and, during the seventh and eighth centuries, the whole of those lands, except the fortified cities and a fringe along the coast, were practically cut off from the Empire. The name of *Slavinia* reached from the Danube to Peloponnêsos, leaving to the Empire only islands and detached points of coast from Venice round to Thessalonica. Their settlements in these regions gave a new meaning to an ancient name, and the word *Macedonian* now began to mean *Slavonic*. The Slavonic occupation of Greece is a fact which must neither be forgotten nor exaggerated. It certainly did not amount to an extirpation of the Greek nation; but it certainly did amount to an occupation of a large part of the country, which was hellenized afresh from those cities and districts which remained Greek or Roman. While these changes were going on in the Hadriatic and Ægæan lands, another immigration later in the seventh century took place in the lands south of the lower Danube, and drove back the Imperial frontier to Haimos. This was the incursion of the *Bulgarians*, another Turanian people, Finnish rather than Turkish, but one whose history has been different from that of most of the Turanian immigrants. By mixture with Slavonic subjects and neighbours they became practically Slavonic, and they still remain a people speaking a Slavonic language. Thus the Empire,

Displacement of the Illyrians.

Extent of Slavonic settlement.

Nature of Slavonic settlement in Greece.

Settlement of the Bulgarians. c. 679.

ancient name, and the word *Macedonian* now began to mean *Slavonic*. The Slavonic occupation of Greece is a fact which must neither be forgotten nor exagge-

„...Словените навлегле во големи делови од Македонија и Грција... зборот **Македонец почна да значи словенски**... “[966]

1885 год. Марко Атанасов Мушевич Македонец. На 5 јануари 1885 год. крушевчанецот М. А. Мушевич Македонец бил примен кај рускиот цар и му предал Меморандум од името на **македонскиот народ**, а текстот бил објавен во весникот *Свет*, под наслов „Жалната состојба на Македонија под турското ропство“. Во Меморандумот, меѓу другото, пишува: „Во Западниот дел на Македонија, во Дебарскиот и Охридскиот Округ, па и воопшто во целата Македонија, се прават сѐ поголеми и поголеми зверства од страна на Турците... **Македонскиот народ**, предизикан од турските разбојнички банди, почна сам да се брани... Ние, малите, несреќни, но силни духом **Словени Македонци,** едногласно молиме да обрнете внимание на сегашните наши страдања што ги трпиме под турското ропство.“[967]

966 https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/06/1882_Edward-A.-Freeman-The-historical-geograpy-of-Europe-II-edition-London-New-York-768x635.jpg.

967 Весник *Свѣтъ*, С. Петербургъ, ян. 1885.

1885 год. Григор Прличев:

„Ни недостасуваат
Нам многубројни мудри мажи, мајка
Македонија е многу осиромашена.
Откако **го породи великого**
Александра, откако го породи св. Кирил
и Методиј, оттогаш мајка **Македонија**
лежи на своето легло ужасно
изнемоштена, сосема примрена.
. . .
Грешив! Простете ми. Грешно е да каже
Човек дека Македонија не може да раѓа
Велики мажи. Напротив, Македонија е
Плодородна и неисцрпно благочедна...
Благодарејќи ви вам колеги, Македонија
Ќе роди ѕвездоподобни младичи. (...)
За новородените младичи на Македонија вашата
радост ќе биде рамна со радоста
на мајката што ги родила, зашто
о, вие, уважени и свети земјоделци
ги повивате плодовите на македонската земја.“[968]

1885 год. Полициски извештај на МНР на Кнежевството Бугарија. „Дваесеттина младинци од Македонија го злоупотребуваат гостопримството во Кнежевството и започнаа да го шират македонскиот сепаратизам, божемно **Македонците не се Бугари**, туку претставуваат посебен народ со посебна историја, сегашност и иднина, и како такви претставуваат голема опасност за бугарските обиди околу обединувањето на Македонија со мајката Отечество.“

Понатаму во извештајот се наброени имињата на македонските сепаратисти: „Димитар Алексиев, родум од с. Тресонче, Дебарско; Коста Гиновски, родум од с. Галичник, Дебарско; Коста Групчев родум од Охрид; Васил Карајанов, родум од Скопје; Михаил Јорданов, родум од с. Ѓавато, Битолско; Темко Попов, родум од Охрид; Георги Костов, родум од Прилеп и Никола Јосифов, родум од Тетово.“[969]

---

[968] Прличев, Г. *Водач ме праќа татковината*, 17, 18.

[969] Димевски, С. „Некои форми ...: 195 (Извештај од 18.12.1885).

1885 год. *Ла Епока*, Шпанија. „**Македонскиот национален комитет** има објавено манифест со којшто повикува на смиреност и мудрост до своите сотатковинци во наведените околности... Пасивноста на султанот и Големите Сили во однос на востанието во Румелија ги поттикнува во голема мера и **македонските патриоти**, а кружеле и борбени повици, говорејќи дека силите потајно го помагаат движењето на христијаните против Турција.“[970]

1886 год. Петар Драганов, Русија. Во писмото на Драганов од Македонија до неговиот професор од петербуршкиот универзитет В. И. Ламански стои: „Благодарејќи на тоа што живеам во **класичната земја на словенската филологија** јас уште во првиот момент по своето пристигнување во татковината на светите Кирил Методиј со големо задоволство се зафатив да ги студирам особеностите на акцентот, гласовите, формите и речникот на **македонските говори** во споредба со бугарските или тракиско-мизиските, од една страна, и со српските, хрватските и словенечките, од друга; со прилог на дијалектографска карта на Балканскиот Полуостров.“[971]

1886 год. Друштвото на Србите од Косово и Македонците од Цариград „Србо-Македонци“, Србија. „На **македонскиот народ** да му се докажува дека не се Бугари, дека со Бугарите немаат веќе никакви врски, дека Бугарите се непријатели на **македонскиот народ**. **Да води сметка за своите народни особини, јазик и обичаи.** Да развива најенергична пропаганда за истерување на бугарските владици и учители од **Македонија** и на нивните места **да се доведуваат владици и учители родум од Македонија**... Да се издејствува пред Високата порта да му одобри во Цариград да издава еден **весник на чисто македонски јазик**. Весникот ќе се вика ***Македонски весник***...

Филолошки дел

1. Да се пишува на чисто **македонски јазик**, но бидејќи македонскиот јазик не е книжевно обработен, да се исфрла секој бугарски израз, а да се воведува српски...
2. Редакцијата на овој весник, покрај тоа што секогаш ќе работи во него, ќе напише на **македонски јазик** книги за основни училишта и во рок од една година ќе ги печати во Цариград...“[972]

---

[970] *La Epoca*. Madrid, num. 11.923, 26 de seitembre de 1885.

[971] Ристовски, Б. *Македонската национална свест од лозарството до другарството: Ослободителните борби на Македонија од источната криза до Балканските војни*. БАН. София, 2016: 33-34.

[972] *Граѓа за историјата* ... том IV, книга II, 1986: 48, 49-50, 52.

1886 год. Илија Костиќ, тетовски учител.

„Бугараштвото во Македонија, господине претседателе, од ден на ден сè повеќе напредува... Со добивањето егзарх почнува нова ера во Македонија... Кнежевството Бугарија тогаш немаше доволен број подготвени и писмени луѓе родени во нејзините граници, па беше принудена да го прима во служба и оној што знае барем малку да чита и да пишува. **Многу места во државната служба заседоа Македонци**. Дражавата нив убаво ги дарува, им даде добра плата, а со тоа, се разбира, и ги придоби. **Македонците се нарекоа Бугари**... Народот во Македонија не е богат... Егзархијата и во тоа им направи услуга на **Македонците**. Секоја поглавна и поголема варош во Македонија има **полугимназии. Битола, Прилеп, Охрид, Скопје** - тоа се местата од каде Бугарите нè гаѓаат во живо срце.“[973]

1886 год. Ѓорѓе Поповиќ, Србија. „Во 971 година престана државата на турските Бугари кој ја основал Исперих[974]. Царството на **македонските Словени**, кое траело 56 години, исто така во неправен смисол се нарекува бугарско...“[975]

1887 год. Стојан Новаковиќ, Србија. „Но како што на Македонија полагаат права **Бугарите**, **Србите**, **Грците** и **Власите**, јас веќе поодамна забележав дека практичните **Македонци** ги истиснаа поповите, кои, колку што се може, ги молзеа поединците или секого по ред, така што често не може да се знае што всушност тие мислат и чии навистина се чувствуваат.“[976]

1887 год. Љуб. Ковачевиќ, Србија. „Бугарските владетели, искористувајќи ја српската неслога и отцепеност, ја освоија **Македонија** и ја држеа до пропаста на бугарската држава (971). По неколку години **Македонците** се дигнаа против грчката власт, предводени од својот јуначки цар Самоил и основаа царство кое се протегаше од Јадранското и Белото Море, и за некое време ја зафатило и Бугарија. По пропаста на **Македонското Царство** (1018)... дојде под грчка власт.“[977]

1887 год. Љуб. Ковачевиќ, Србија. „Прилеп беше многу значајно место. Отприлика, пред илјада години **Бугарите го презедоа** од Грците. Кога Грците ја уништиле бугарската држава (971) го завладееја и Прилеп, но за неколку години, бидејќи **го ослободи знаменитиот македонски цар Самоил ...**“[979]

---

[973] Истото ... : 48, 49, 50, 52.
[974] Се мисли на канот Аспарух.
[975] Поповић, Ђ. *Бугари и Бугарска (историјска црта)*. Браство. Београд, 1867.
[976] *Граѓа за историјата*, том IV, книга II, ... : 270-272.
[977] Ковачевић, Љ. *Велес*. Браство. Београд, 1887: 21-22.
[979] Истото, 36.

1887 год. Спиро Гулапчев.[980] Спиро Гулапчев е еден од македонските интелектуалци кои пишувал трудови посветени на посебноста и целовитоста на македонскиот народ и држава и се застапувал за Балканска Федерација, па во неговата книга *Еден поглед кон етнографијата на Македонија*, меѓу останатото, запишал: „Македонија треба да составува одделно политичко цело на Балканскиот Полуостров. Тоа се бара од интересите на македонските населенија, без разлика на народност, тоа се бара од интересите на федерацијата на Балканскиот Полуостров, која, пак, се бара од интересите на сите балкански народи...“[981]

1887 год. Група прилепчани. „Ние, долепотпишаните од г. Прилеп, бидејќи сме поданици на Неговото Императорство и Величество августусеиши султан Хабдул Амит II **сакаме да имаме македонско народно училиште** и бидејќи **не сме по род Бугари**, затоа не ја признаваме Бугарската црковна општина и нивните училишта. А за религиозна заштита го признаваме папата, но без менување на догмите на православната црква.“[982]

1887 год. Георги Бабаџановиќ и Васил Теофиловиќ: „Понизно потпишаните родум сме од Охрид, Стара Србија, па компромитирани кај Турците поради војните на Русија и Србија против Турција пребегнавме, како што ви е познато, **со многу други под името Македонци**, во Бугарија; тогаш се надевавме на Русија - а и сега - **но Бугарите почнаа против Русите, па и против нас**, и ние не можевме рамнодушно да молчиме, а така нѐ истераа Бугарите, и по наша желба рускиот конзул во Букурешт ни дозволи да дојдеме овде.“[983]

1887 год. Васил Молов.[984] Како висок бугарски интелектуалец, задоен со големобугарски идеи во однос на Македонија, Молов во неговиот патопис забележал дека и во тоа време постоела идеја дека „**македонскиот народ не е ни дел од српскиот ни дел од бугарскиот народ, туку посебен народ кој се**

---

[980] Спиро Гулапчев е еден од македонските интелектуалци кој пишувал трудови посветени на посебноста и целовитоста на македонскиот народ и држава и се застапувал за Балканска Федерација, изнесено во неговата книга *Еден поглед кон етнографијата на Македонија*.

[981] *Един поглед по етнографията на Македония*. Габърово, 1887.

[982] *Граѓа за историјата*, том IV, книга II: 122; Џамбазовски, К. *Стојан Новаковиќ и македонизам*. Историјски институт. Београд, 1966: 138; (Дипломатски архив, Политичко одељење ф. I П/3 - 1887. АС, МИИД, ПО,Ф.V дос. IV, Пов. бр. 743 (следат 30-тина потписи на членовите на Прилепската општина 2.7.1887).

[983] *Граѓа за историјата*, том IV, книга II: 239.

[984] Васил Молов бил Бугарин, роден во Москва 1875 година. Врвен доктор по медицински науки. Автор на повеќе стручни книги, но и еден патопис во кој дава опис на делот од Македонија низ кој поминувал во 1887 година.

разликувал и од едниот и од другиот:[985] ’Да речеме дека **Македонците** не се Срби, но не се ни Бугари, тие се словенско племе и треба да си останат такви, но вие ќе ги расипете со вашата пропаганда‘...“[986]

„Да го опишувам Солун, опишуван од толку патници, не е потребно...

Вечерта бевме поканети на гости, каде што затековме уште двајца солунчани. ’Вие сте од Софија, господа‘, праша едниот, ’што се случува по вашите краишта, ептен на високо тргнавте и многу лошо ни чините нам (87) **Македонците‘**. - ’Што лошо ви чиниме?‘ - ’Сите **Македонци** штом ќе појдат во Софија ги прибирате и ги вработувате, кај нас не останаа учители, а и многу трговци нѐ напуштија и се преселија во Кнежевината; ние овде останавме сосема осиромашени со интелигенција, а кој ќе работи на будењето на несреќна **Македонија**?‘...“[987]

1887 год. Поп Спасе Игуманов. Стојан Новаковиќ, српски историчар, филолог и политичар пишува за иницијативата на Прилепската црковна општина и нејзиниот управител, попот Спасе Игуманов, за нивната борба за воведување „македонска православна општина“ во Прилеп. „Поп Спасе Игуманов е син на стар поп во Прилип.[988] Уште пред две-три години тој влезе како реис (управител) во тамошната црковна општина, за која, на моето прашање, ми кажа дека на печатот носи наслов ’Бугарска православна општина во Прилип‘. Пред една и пол година поп Спасе, по волјата на многу луѓе од општината, му напиша писмо на бугарскиот егзарх во Цариград со кое се откажува од него и му одрекува покорност... Оваа постапка не изгледа дека е производ на српските симпатии, туку ќе биде или производ на католичката пропаганда или израз на себична грижа...“

„Тогаш попот му ја изрази желбата на патријархот во Прилип да се основа нова православна општина под насловот ’**Македонска православна општина во Прилип‘**, која би имала можност сосема да ја истисне и кон себе да ја привлече досегашната Бугарска православна општина. Патријархот даде забелешка на **„Македонска“**, напоменувајќи дека би било доволно да се вика само „Православна прилипска општина“... Но сега одеднаш попот се фатил за

---

985 Матковски, А. *Македонија во делата* ... : 253.

986 Тука се обраќа на рускиот просрпски дипломат Јастребов; истото, „Пътни бележки София - Цариградъ, Св. Гора, Солунъ, Враня“. *Периодическо списание на Българското книжовно дружество въ Средецъ*, XXVIII - XXX, XXXI.

987 Истото, „Пътни бележки София - Цариградъ, Св. Гора, Солунъ, Враня“. *Периодическо списание на Българското книжовно дружество въ Средецъ*. XXVIII - XXX, XXXI, 84, 87.

988 Прилеп.

забелешката на патријархот против **„Македонска“**... бидејќи се плаши Прилип да не се погрчи и бидејќи некои му зборувале дека тоа не е Македонија, туку Јелада...“[989]

1887 год. Наум Евро и Коста Групче. Двајцата Македонци, членови на Македонскиот комитет, испратиле Меморандум до дипломатските претставници на Големите Сили во Цариград, истакнувајќи ги барањата на Македонците: „Бурите и превратите во XIX век за ослободувањето на Романија, Грција и Србија и непоправливите ужаси за ослободувањето на Бугарија, иако приведените државици добиле самоуправа и независност, сепак се незадоволни, не мируваат и интригираат, а полето на нивните интриги е нашата татковина Македонија... за да се искорени тоа треба да се искоренат тие илузии на речените државици, а тоа може да го направи самото **македонско население** кое треба да му објави на светот **дека исто е посебен народ, со посебна историја, нарави и обичаи** и дека нема ништо општо со околните државици. Па според тоа никој нема право да претендира на **Македонија**. И таа им останува на **Македонците**...“[990]

1887 год. Молба на Македонци до султанот за објавување македонски весник. „Ваше Величество, ние, христијаните во Вашето подрачје на османлиската држава, или поточно во Провинцијата Македонија, 20-30 години, т.е. од времето кога меѓу христијаните не постоеше никаков фанатизам живеевме во славната Османлиска Империја и го носевме заедничкото име христијани-раја. Како такви си живеевме под власта на славните османлиски султани најмирен живот. Но кога се роди бугарското црковно прашање се фрли семето на раздорот меѓу христијаните-рајата кое создаде големи несреќи во нашата татковина, па поради интригите од страна на туѓите агитатори ја имавме таа несреќа да ја примиме бугарската народност како своја, иако за нас **Македонците** таа е туѓа.

По отцепувањето на бугарската провинција, ние, христијаните-рајата во Македонија се најдовме во многу лоша состојба, бидејќи Бугарите, охрабрени од неодамнешните револуции, нè прогласија за Бугари, создавајќи на тој начин основа за нивните претензии над Македонија... Ние, долупотпишаните..., изразуваме готовност да работиме на искоренување на опасноста што ни се заканува од туѓинските напади... Тоа може да се постигне

[989] *Граѓа за историјата*, том IV, II.

[990] *Документи за борбата на македонскиот*..., 277-278; Дипломатски архив - Савезни секретаријат иностраних дела, Београд, Посланство, Цариград, Ф. 1/1887.

доколку овде, во престолнината на Царството, да почне да се објавува весник на **чист македонски јазик** што ќе се вика ***Македонски лист*** и ќе работи по следнава програма:

- Споменатиот *Македонски лист* ќе се занимава со историско-филолошка работа и помал преглед на политиката...
- Ќе ги изнесува општите сознанија дека нашата татковина нема ништо заедничко со Бугарите ниту, пак, со другите држави и затоа строго ќе укажува на нивните интриги..."[991]

1887 год. Никола Македонски. Учесник во Македонското (Кресненско) востание во предговорот на неговата драма ***Македонско востание*** или војводата Коста Беровски народен подвиг, забележал: „Драг читателу, потребно ли е да ти кажам колку големо значење за **македонската историја** имаат движењата што ги трпел **македонскиот народ** и уште ги трпи од петвековниот јарем. Ќе ме обвиниш ли што сум се натоварил со таков тежок товар да ги опишам маките и патилата на браќата **Македонци**?"[992]

1887 год. Апел на Албанско-македонската револуционерна лига Албанија, Османлиско Царство.[993] „На **Македонците** што се наоѓаат во Бугарското Кнежество и на тие што живеат во **Македонија** Господ им помогна праќајќи им го човекот по име Паница[994] кој се прослави како херој, слично на тоа како што некогаш беше познат нашиот голем херој Георги Кастриоти (Скендербег). Овој човек е верен во своето дело и затоа сите **војводи на Македонија** се обединија околу него и едногласно го признаа за свој командант.

И ние, кога разбравме за тоа, се израдувавме и се здобивме со почит кон тој брат, вториот Скендербег, и под негово раководство го почнавме неговото свето дело. Господ му помогна и неговото срце е преполно со

---

[991] Џамбазовски, К. „Неуспел обид за издавањето на Македонскиот лист во Цариград 1887 година". *Современост*. Скопје, 1964.

[992] Миронска-Христовска, В. „Мотивот слобода во македонските преродбенски творби". *Ослободителните борби на Македонија.* БАН. София, 2016: 171; (Македонский, Н. *Македонски сълзи или Злощасна Македония*, Т. 1887: 3, 32, 67 и 79).

[993] Овој апел првенствено се однесувал кон жителите на Албанија.

[994] Коста Паница (1855 - 1890), бугарски и воен политички деец. Во 1885 година учествувал во обединувањето на Источна Румелија со Бугарија, се мешал во македонските работи и учествувал во формирањето на оваа лига. Учествувал во Српско-бугарската војна во 1885 година и раководел со македонските доброволци и затоа бил наречен „командант на сите македонски војводи" (Сенкевич, И. Г. op. cit. 114).

благородни идеали и ние, обединувајќи се братски со **Македонците**, се зафативме со општа работа. Под команда на мајорот Паница ние ќе се бориме за ослободување на татковината на **Македонците** и нашата татковина без разлика на верата, затоа што сите ние сме браќа на една земја и свврани сме со една идеја.

Заради нашата цел овде беше создадена 'Албанско-македонска револуционерна лига', беше составен и устав и програма...

Нашето дело за ослободување ќе го остварат **Албанците** заедно со **Македонците**, дејствувајќи заедно, без разногласија, под еден устав под едно знаме...

Известувајќи ве за сè, ние ве повикуваме да се присоедините кон нас и да застанете под гордото знаме на **Албанија и Македонија**... Во **Албанија** нека наредуваат **Албанците**, во **Македонија** нека наредуваат **Македонците**, макар што при тоа ќе се зачува врховната власт на султанот..."[995]

1888 год. Стојан Новаковиќ, Србија. „Најпосле, постои уште една појава која не може да се испушти од предвид. **Тоа е стремежот на македонскиот народ да остане сам за себе**, кој бара пат по средината на сите гореспоменати стремежи. И овој стремеж почна да се буди особено од спротивставеностите меѓу бугарскиот и **македонскиот говор** и меѓу бугарскиот и **македонскиот карактер**, од времето кога бугарската пропаганда почна со голем притисок и острина да удира врз **македонските особености**, во името на панбугаризмот. Дури меѓу платените професори на бугарските средни училишта на **Македонија** се наоѓаат луѓе во кои се будат овие стремежи токму онака како како што се гледа меѓу Малорусите против рускиот униформитет. Не е без значење и не може да се објасни со лесни видови причини познатиот факт дека во пролетта 1885 година, по бугарските јавни собири за Македонија, следуваа веднаш јавни собири на **Македонците** во Србија во кои зедоа учество сите **Македонци** кои престојуваат во Србија. Појако движење ќе ги изведе овие струи во поголема светлина, кои сега сè уште даваат први знаци на живот".[996]

---

[995] *Документи за борбата*..., том 1: 275-276; Сенкевич, И. Г. „Нови материјали од Архивот на М. А. Хитрово". *Гласник*, 1965: 113-112.


[996] *Документи за борбата*..., том 1: 281-282; (Новаковић, С. „Управа и организација бугарског просветног покрета у Македонији. Противници тог покрета". *Отаџбина*, XIX. 1888: 78-95; истиот, „Балканска питања и мање историско-политичке белешке о Балканском Полуострову, 1886 - 1905". Београд, 1906: 259-280.

1888 год. **Г. К. Весник *Македонија*.** „Денеска... **секој Македонец,** кога го спомнува Александар Македонски, вели: *Ние сме го имале цар Александар Велики*. Со тие зборови тој си наумува за блескавиот период и величието на **македонската држава.** Александар Македонски стои пред лицето на **Македонецот како национална гордост.** Таа национална гордост денеска има за него интелектуално значење при односот за постигнување на идејата за самостојност. Велика македонска држава во лицето на Александра ѝ има направено огромна полза на науката...

Клетиот **Македонец** е опкружен со дерикожи, крвопии, врагови и мачители. Клетиот **Македонец** е опкружен од секоја страна со злоба, клетиот **Македонец** од секоја страна е врзан со окови од петвековниот sверски крвопиец...

Македонецу, оди напред, како големиот Александар кој направил големи дела и ги покорил речиси сите царства. Немој да се плашиш од властољубивиот турски султан, дигни го високо својот глас, барај го исполнувањето на постојниот устав! Барај Слобода..."[998]

[998] Весник *Македония*. Русе (ур. К. Шаховь), 21.10.1888; Ристовски, Б. цит. дело, 136.



84 БУГАРСКЕ ШКОЛЕ ПО МАКЕДОНИЈИ

би одвратност према слабостима и неоправданим погрешкама грчке црквене управе била тако огромна. Јер та је одвратност била, па и данас је најјачи савезник Бугара у њиховој пропаганди по Македонији.

Најпосле има још један појав који се не може испустити из очију. То је тежња Маћедонаца, да остану сами себи, која тражи пут по средини свију горе поменутих тежења. И ова је тежња почела да се буди, нарочито из супротности међу бугарским и македонским говором, и међу бугарским и македонским карактером, од времена кад је бугарска пропаганда почела са сувише наглости и опширне да удара на особине македонске у име пан-бугаризма. Чак међу плаћеним професорима бугарских средњих школа по Македонији налази се људи у којима се буде ове тежње управо онако као што се види међу Малорусима против униформитета руског. Није без значаја, и не може се објаснити никаквим лаке врсте разлозима познати факт, да су у пролеће 1885 године после бугарских јавних зборова за Македонију следовали одмах јавни зборови Македонаца у Србији, у којима су учешћа узели сви Македонци који у Србији бораве. Јаче кретање извешће још у већој светлости ове струје, које сад још дају истом прве знаке живота.

Исечок од книгата на Стојан Новаковиќ во која го објаснува тежнението на Македонците за зачувување на спостевниот идентитет, јазик и карактер и организираниот отпор кон зголемената бугарска пропаганда во Македонија од 1885 год.

1888 год. Коста Шахов. „При сè што сме 2 000 000 луѓе, пак немаме, барем овде, во слободна земја, еден каков и да е весник кој ќе нè држи во текот на работите што се случуваат околу нас и за нас; и кој ќе ни служи за да ги изразиме нашите народни искажувања и мисли... Денеска печатот е посилен од топот и со него се служат сите народи на светот, освен нас. Со тоа ние самите се претставуваме пред очите на образованиот свет нешто како народ... на крајот, ние, **Македонците**, како сме едни под двојно и тројно ропство, а други прснати по разни страни, сепак не смееме да си ја заборавиме татковината и сме должни да работиме за подобрување на нејзината положба; зашто како народ ќе сме одговорни пред нашето потомство, ако и покрај толку непријатности на својот народ го поминеме времето без дејствие, без борба за слобода и живот, бидејќи нашите господари не сакаат да се грижат за олеснување на нашиот живот.

Побудени од сето тоа, иако со слаби сили, го започнуваме издавањето на **весникот *Македонија*** со цел и барање да се подобри положбата на

Македонија. Весников *Македонија* ќе биде далеку од секакви партиски интриги и ќе води независна политика по македонското прашање. Страниците ќе бидат слободни за секој родољубец само ако се пишувани во духот на времето и целта... задача на **весникот *Македонија*** е да се бори **за духовното и културното издигање на Македонците.“**[1000]

1888 год. Темко Попов. Во писмото на Темко Попов од Охрид до Деспот Баџовиќ од Крушево, меѓу другото, пишува: „Во предговороф на ова писмо ќе ти предизвестам, оти јас ќе се помачам да ти пишам, колку је можно, на наше наречие замествајќи оние речи, кои ја и незнам, со блгарски. Нашето наречие кога можело да диктира на другите славјански наречиа, останале најсиромашко и, како питач, спружит рака било на блгарското, било на српското и дури на руското! Не отричам ја оти своите славјански наречиа, се сходни помегу си и оти природно је да се вземеет едното от другото, а не до вакво дередже (дже - незнам како се пишит) до кое е дошло нашето кутро наречие, шчо да не можит чоек да си искажит мислите, без да употребит блгарски речи, ако тој имат живено у блгарско, српски... Да не се лажиме, Деспоте, националниот дух у **Македониа** до такво дередже денеска је стигнал, штото и сам Исус Христос ако слезит од небоно неможит да го уверит **Македонеца**, оти тој је блгарин или србин, освен оние **Македонци** у кои веке **пропагандата блгарска** се имат вкоренено. За да се увериш ти во ова нешчо требет да земиш **блгаризма** пред очи...[1001]

1888 год. Темко Попов. „Блгарската пропаганда ево веке се чинеет 20 години, каде работат во **Македонија**, во најслепите времиња, кога грцизмот - сосвем чужда нација, беше да фатил да се фкоренвит во **срцето македонско;** и **Македонците** кога видоа зрак от славјанизам, фрлија се, како слепи во пазуите му. Стигаше за ними шчо се откинаа от грцизмот. Но шчо да чинат сега т.ј. после двадесет години блгарски маки, акимлаци и немилосни парични жертви?

Се чинит она, Драги ми Деспоте, шчо е природно, но за блгарите неочекувано т.ј. **сега секој македонец признава, оти тој не је блгарин и гласно**

[1000] *Документи за борбата*... , том 1: 282 - 283; (Шаховъ, К. *Македония*, 1. Русе, 21.10.1888).

[1001] Џамбазовски, д-р К. „Најглавната работа е Македонија да се помакедончи“. *Нова Македонија*. Скопје, 1960: 1 - 3; *Документи за борбата*, том 1. Скопје, 1981: 278 - 279; (Народна библиотека, Београд, фонд, Јован Хаџи Васиљевић, П.413/III, 9.5.1888.); *Српски извори за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија*, док. бр. 46, том 4, кн. 3 (1998 - 1889). Белград, 1987: 134 - 136.

исповеда својата нација, ако и да се ползувет ушче от блгарски сретства, немајќи, разуме се свои...

Затоа ние, Драги ми Деспоте, бефме зафатиле уште од лани и дори од олумлани да препорачааме да се отвореет **македонски училишча** во македонија со ова наречије, штото колку је можно да се искорвенвеет блгаризмите, кои се имеет пикнато од отворањето на блгарските училишта во Македонија, и да се замествеет со поприродните т.ј. српските. Мене никој не може да ме разубеди оти по инакоф начин можеат да се збратимосеет двата братски народа и јазика. Најглавната работа је Македонија да се помакедончи.“[1002]

1888 год. Исаија Радев Мажовски. Реч искажана во парабродот „Рицар“ среде реката Днепар, во градот Киев, Русија. „**Македонскиот старословенски народ** уште пред 2500 години е доведен во **Македонија** од цар Каран, којшто како цар Филип и цар Александар бил чист **Словен**; но повеќе од 500 години изминаа откако **Македонија и македонскиот стар народ** се потиснати и се наоѓаат под тешкиот турски јарем... Само слушаме дека некаде им грее големо и светло сонце, но очите на македонските Словени не го гледаат. Нашата најголема надеж е во велика Русија, од неа чекаме спас и избавување. Русија, која ги спаси Грција и Србија, која ја избави Романија и словенска Бугарија, еден ден ќе ја испружи раката и на несреќниот македонски роб и ќе го спаси, подарувајќи му слобода.“[1003]

1888 год. Петар Данилович Драганов за Васил К’нчев, Бугарија. „В. К’нчев беше многу зборлест и, меѓу другото, во своите прикажувања рече дека тој **дошол за учител во Солун за да ја побугари Македонија.“**[1004]

1889 год. Темко Попов. „Појке од десет години има како није **Македонциве** немаме духовно начелство по нашиве места, од које и најмногу страдаат нашиве црквени и училишни работи...

Туку сме ти скрстиле раце и сме остајиле работата на Бога, без да глеаме од ден на ден како гаснеме духом, и оти ако ја тераме вака работава, као што сме јатерале до сега, ќе дојдеме до ништо, и тогај ќе имаат светон да

[1002] Истото.

[1003] Тодоровски, Т. *Спомените на Мажовски*. Скопје, 1972: 43-45; Мажовски, И. Р. *Вжзпоминани на Исайя Радев Мажовски*. София, 1922: 26-27.

[1004] *И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев: Спомени*. Скопје, 1995: 47.

велјат, оти меѓу нас Македонциве нема интлигенција, а сис сме шоролошчији и готоачи... Ами ако едно општество, во еден народ нема интелигенција, тогај тоа општество не се вели општество, тој народ не се вели народ, туку збирштина...


Мене ми се чини, оти причина на оваа наша умствена парализа је - ама ке кажа голем збор, и, молјам, никој да не се тревожи и да не ме криви, пред да ме ислуша је, велјам *Егзархијата и егзархиските милости*. Таја Егзархија и тија нејзини милости нѐ направија готоачи. Тија учители што ни ја пушта даром, и тија училишта, што ји крепи таја, направија оваа умствена дебелјаана во нашаа таткојна... Ама ќе рече некој, оти, ако не беја овија егзархиски милости, ние ќе немавме училишта. Не, тоа не је верно. Није толку можевме и можеме да имаме потребните си училишта во таткојнаата наша, што да немавме потреба, као што се докажује подолу, од никакви помоки давани по таков начин, што расипујат нарвственоста на општеството и го прават ни вода ни киселина!“[1005]

1889 год. **Весник *Македонија*.** Весникот препорачува за жителите на Македонија да се употребува само името „**Македонци**“ и со тоа: „...ни најмалку нема да се згреши и ќе може најправилно да служи за постигнување на светата идеја ако засега се постави врз чисто **македонска почва**... И другпат имаме речено, не е време ние **Македонците** да изјавуваме желба за наше присоединување кон некоја држава, (бидејќи) во таков случај ќе се восползуваат соседите, **Македонија** ќе биде раскината... Но сега... во нашата **Македонија** тукуречи не се гледа таква борба, па по сѐ изгледа сите ни го откажуваат правото на таква борба, стремејќи се очигледно да нѐ завладеат... само една и иста песна пеат ’да ги ослободиме нашите браќа‘, но да им помогнат на своите браќа да си се ослободат за себеси - никој не сака да помага... Сите, се гледа, се плашат од една самостојна борба на **Македонците** и никоја соседна држава досега не дава да се развие таква...

Ние не можеме да го бараме својот спас успешно ниту како Грци, ниту како Бугари, ниту како Срби, туку како **Македонци**, на кое, веруваме, сите ќе погледнат со добро око.“[1009]

[1005] *Документи за борбата*..., том 1: 283-287; (ДА ССИД - Фонд, Политичко одељње, Ф.VII,Т/1, 1889; Џамбазовски, К. „Нови прилози за Македонското сепаратистичко движење“. *Гласник*, 2, 1964: 244-258.

[1009] „Един Македонец, Мнѣние за рѣшавание Македонския въпросъ“. В. *Македонія*. г. I, бр. 36. София, 19.8.1889: 143; *Сведоштва за македонскиот идентитет*. ИНИ. Скопје, 2010: 59 - 60.



ГОДИНА I. СОФИЯ, 19 АВГУСТЪ 1889 ГОД. БРОЙ 36.

Македония

ИЗЛИЗА ВСѢКА СЪБОТА

тукъ е, ако можемъ да палѣземъ отъ това положение, като разглѣдваме въпросътъ: какъ ние македонцитѣ бихме могли да спечелимъ свобод ния си животъ при сегашното наше положение Ние мислимъ, че най първо трѣбва да се поставимъ на чисто македонска почва, за врѣме, и тъй да работимъ предъ всички и съ всички въ борбата за свободенъ политически животъ.

си на чисто македонска почва и послѣ може да върви успѣшно напредъ съ свойтѣ стремления. Ние не можемъ да търсимъ своето спасение сполучливо нито като гърци, нито като сърби, нито като българи, а като македонци, на което вѣрваме всички ще погледнатъ еднакво съ добро око.

Весник „Македонија“ од 1889 год.

1890 год. Охридско граѓанство.

„До Неговата Светост, великиот патријарх во Цариград.


Ние, верните поданици на Неговото Величенство царот султан Абдул Хамид, од долго време немаме црковна слобода, а од 1892 година станавме уште повеќе заблудено стадо зашто дојдовме под Бугарска егзархија, заблудени од бугарската пропаганда. Така и ние станавме шизматици. **Ние, Словените од Македонија, од секогаш сме имале своја црква, Охридска архиепископија**, која имаше седиште во нашиот град. Денес ние би сакале одново да си ја вратиме и така да живееме во слога со Великата црква.

Бидејќи нам ни е потребно Вашето своето благоволение по однос на **нашата словенска црква во Македонија**, поради тоа ве молиме, макар и да сме измамени од старана на Бугарите, да ни простите, бидејќи сте благ Христов служител и да ни ја обновите нашата црква... Сега ние се одделивме од Бугарите и сами сочинуваме словенски општини во **Македонија**, и сочинуваме **самостоен народ.** Како такви, ние сакаме да имаме **наша црква,** наши училишта. Ние се најдовме и наши учители кои ги плаќаме и издржуваме.

Покрај тоа што Бугарите нè измамија и излагаа, тие ни го отфрлаат и јазикот, ни ги менуваат и нашите свети обичаи и ја менуваат и сета наша лика и прилика. Ние тоа не можеме повеќе да го трпиме и не сакаме нашите деца да нè колнат нас и гробовите на нашите предедовци.

Како такви, ние Ве молиме, Ваша светост, да бидете наш толкувач и пред Османлиската порта, да ни издејствувате како на Словени - православни секаква наклоност, како и дозвола за обнова на Охридската архиепископија, дозвола за наши училишта во кои нашите деца ќе учат на својот мајчин јазик и ќе се воспитуваат во духот на својата православна вера и црква...“ (следуваат 120 потписи на охриѓани)[1010]

1890 год. Весник *Македонија*. „Ако навистина се точни информациите што ги добивме од неколку места од Македонија и други во таа смисла во Романија, во еден досега голем дел, пак нашинци, се раздвижила идејата да работат за ослободувањето на **Македонија во самостојна државичка. Во таа група наполно исчезнала мислата дека возможно некогаш соединувањето на Македонија со Северна Бугарија и сл**. ...“[1011]




Писмо испратено од Виена до Битола во 1890 година на кое наместото за држава е напишано *Macedonien*, иако во тој период Битола и цела Македонија биле во составот на Битолскиот Вилает и Османлиската Империја.

[1010] *Документи за борбата*..., том 1: 287-288; (ДА ДСИП, Београд, ППО, Ф. 7, д.6, п. бБр. 962, 1890.)

[1011] В. *Македонія*‘, г. II, бр. 35. София, 10.9.1890: 1.

1890 год. Димитрије Боди.[1012] „Како одговор на ова ваше писмо чест ми е, господине министре, да Ви јавам дека учениците што ми се јавуваат мене во поголем дел одовде, од Битола, веќе завршиле по некој клас гимназија и затоа сакаат да го променат заводот и би сакале да учат во Белград. Нив не може да ги привлече Призрен ни Призренската богословија, бидејќи и едното и другото е полошо од битолските гимназиии, и според тоа никој од нив нема да ја прими мојата понуда. А ако и некој ја прифати, се поставува прашањето ќе може ли Призрен да ги србизира онолку колку Белград, бидејќи **Македонците** се малку подруги од Старосрбијанците.“[1013]

1890 год. Весник *Бруклин дејли игл*, САД.



TURKISH PUNISHMENTS.

Severe Penalties Formerly in Vogue for Petty Offenses.

In Turkish prisons the Mussulmen and Christians are kept apart, and the former, a grave and gentlemenlike looking set of men, bask in the sun most of the day smoking, and they perform frequent ablutions at the trickling fountain in the middle of their airing yard. They give no trouble and wait with the utmost patience until it shall please Allah to open the prison doors for them. The Christians, a herd of Greeks, Bulgarians and Macedonians, with the most villainous faces, morals and manners imaginable, have to be ruled with a tight hand to be kept from strangling one another. When it becomes necessary to hang one of these gentry, the Greek goes to his punishment struggling and howling; the Turk makes no more ado about the matter than if he were going to have his head shaved. As the Turkish exchequer provides no hangmen or ropes for executions some curious things occasionally happen. Not long ago a Turk who had to be hanged at Kirdjoli walked about the town for an hour with two soldiers who had been ordered to execute him. These soldiers did not mean to buy a rope with their own money, and they failed to borrow one. Eventually they broke into a [redacted] stole a rope and hanged their man from a nail over the door.—*Temple Bar.*

Во турските затвори, меѓу христијаните имало „Грци, Бугари и **Македонци**...“[1014]

[1012] Димитрије Боди бил конзул на Кралството Србија во Битола.

[1013] *Граѓа за историјата*, том V, книга I: 365; под поимот Старосрбијанци се подразбираат етничките Срби од Косово и Метохија.

[1014] *The Brooklyn Dayly Eagle.* Brooklyn, New York, 2 Aug 1890.

1890 год. Карл Хрон, Австро-Унгарија/Австрија. „По моите сопствени студии на српско-бугарскиот спор дојдов до убедување дека **Македонците, како по својата историја така и по својот јазик се посебна народност, значи ниту се Срби, уште помалку Бугари,** туку се потомци на оние словенски прадоселеници кои го населувале Балканскиот Полуостров веќе долго пред српската и бугарската инвазија, а кои подоцна со ниедна од овие две нации не се измешале...

Според тоа, може да се потврди дека македонскиот јазик со своите сопствени закони за развитокот на гласовите, како и според неговите граматички правила, формира еден сопствен јазик што досега нема своја сопствена литература и кој поради тоа се потпира на сродната бугарска литература, која во никој случај не стои во некои поблиски односи отколку само во општо сродство. Понатаму, сигурно е дека македонскиот јазик е поблизок до бугарскиот отколку до српскиот јазик... Колку повеќе ја гледам целината на досегашните заклучоци, станувам сè поцврсто уверен дека посебната националност на М а к е д о н ц и т е ќе биде со напредувањето во испитувањата сè појасна и подокажлива.“[1016]


Das Volksthum

der

SLAVEN MAKEDONIENS

Насловната страница на книгата *Македонските Словени*

1890 год. **Списание *Лоза***. Во првиот број на ова македонско списание кое излегувало во Софија, налик на преамбула, неговите автори од Младата македонска книжовна дружина ја даваат насоката и интересите на овој орган, во кој, меѓу другото, пишува дека: „**татковината на Македонците е Македонија**“ и дека таа била „**отделно славіанско господарство на което**

[1016] *Документи за борбата*..., цит. дело: 314-317; Hron, K. *Das Volksthum* ... : 4-5, 15, 16, 17, 20, 22, 26;

миналото е покрито со блесък и особено во времето на Филипа и Александра Велики, но при нихните наследници отпаднало...“[1018]

1890 год. Прогласот на силогосот „Македонија на Македонците“, Леонид Вулгарис.


„Нашата татковина **Македонија** била некогаш една од најславните земји. **Македонскиот народ** ги турил првите темели на воената вештина. Со победничките фаланги на Александар Велики ја пренесол Аристотеловата просвета во внатрешноста на Азија и со тоа го цивилизирал човечкиот род**...** Настапија критични дни за опстанокот на Македонија. Се решава нејзиниот живот или смрт. **Јунаци македонски**! Зар ќе оставите додека сте уште живи да се закопа вашата убава татковина? Погледајте ја разранета од отровните стрели на соседните народи коишто сакаат меѓу себе да ја расчеречат. Во таква очајна положба нашата драга мајка Македонија гледа на нас со очи полни со солзи и ни вика:

’Ако сте навистина мои деца, ако во вашите жили уште тече **македонска крв**, тогаш е подобро да загинете со мене отколку да останете живи сведоци на исчезнувањето на **македонската народност**. Не верувајте им веќе на интригите на соседните народи коишто работат само за мојата пропаст. Ви сте челад од мојата утроба, па макар зборувале турски, грчки бугарски, српски, романски, влашки или еврејски. Вие сте сите мои родени деца верувале вие во Мухамеда, Мојсеја или Исуса. Иако вие ги признавате за старешини едни папата, други шеих исламот, трети егзархот, четврти патриархот, петти рабинот, пак сте вие сите деца од од една иста мајка Македонија што плаче ден и ноќ, колнејќи ве да се смирите, да се сложите и да се побратимите. Зар не ќе се засрамите ако нѐ расчеречат и разделат соседите кои зборуваат со односниот јазик, но кои се мои непријатели? Зар вие уште ќе им помогнете да ме закопаат в гроб, а со мене и славното **име македонско**? Ако тоа го нејќете, ако напротив сакате да ги залечите моите рани, а вие како вистински **Македонци** решете на знамето што денес го вијам да се напише: *Македонија на Македонците... Да живее неразделниот **македонски народ***!‘

[1018] Списание *Лоза*, 1. Софија, 1890; Ристовски, Б. цит. дело: 133.

Од протоколот од последниот состанок на централниот силогос ’Македонија на Македонците‘ на кој е решено да се отпечати овој проглас на сите јазици на Македонија.“[1019]

1890 год. Леонард Готхлиф Мазинг, Естонија/Руско Царство.[1020]



Леонард Готхлиф Мазинг (1845 - 1936) во 1890 година
ја одбранил првата докторската дисертација
посветена на македонскиот јазик.

1891 год. Весник *Македонија*. „Една по друга годините минуваат, а ние **Македонците** стоиме непомрднати, ние **Македонците** не направивме чекор напред за својата иднина како за нас да нема таква.“[1021]

[1019] *Документи за борбата*..., том 1: 269-270; (Ђорђевић, В. *Србија и Грчка*. Београд, 1923: 94-96.); Поопширно за силогосот: Зајковски, П. *Гробарите на славната македонска нација*. Македонско дело. Скопје, декември 1998: 7-9.

[1020] Мазинг бил балтички Германец роден во царска Русија, кој на универзитетот во градот Тарту, денес во Естонија, во 1890 година докторирал бранејќи ја тезата за македонскиот јазик. Со јазикот се запознал преку интензивни контакти со македонски работници во Германија, а како докажан славист, индоевропеист, дијалектолог и акцентолог тој веднаш препознал дека се работи за посебен јазик, по што се заинтересирал и почнал да го изучува.

[1021] В. *Македония*. София, 12.1.1891.

1891 год. Весник *Македонија*, Коста Шахов. „Ако мислиме да се бориме за слободата за нас **Македонците** во нашата татковина, треба да се поставиме како **Македонци**, да постигнеме единство на сите што имаат потреба да живеат слободно, мирно и тивко во Македонија.“[1022]

1891 год. Никола Наумов Јуношески. „И така, зборовите ’не ни треба егзарх, туку Караџата‘ наполно можат да се применат кон македонското прашање. Никакви ’легални патишта‘ не можат да помогнат за разрешување на макед/онското/ прашање, зашто не малку легални патишта можат да се видат во минатото што се останати ’пусти патишта‘ во однос на Турција. Затоа, време е веќе македонската интелигенција да преземе самата иницијатива за разрешување на своето прашање; минатото да ѝ послужи како лекција; да не остава македонското прашање да го експлоатираат и да го монополизираат; да покаже пред целиот образован свет дека Македонија има своја интелигеција што е во состојба да ги жртвува не само личните интереси, но дури и самиот свој живот за достигнување на идејата и со тоа да покаже дека и **македонскиот народ**, без разлика на вера и народност, е достоен за политичка слобода и култура, поставувајќи го принципот ’политичкото макед/онско/ прашање врз македонска почва‘, а средствата *слобода или смрт.*“[1023]

1891 год. Дамјан Груев.[1024] Од записниците при сослушувањето на притворениот Груев во Софија од страна на бугарската полиција, поради „сепаратистичка дејност“, меѓу останатото, стои: „Сметаш дека тоа води кон сепаратизам и ѝ нанесува огромна штета на бугарштината во Македонија?“ - „Досегашното искуство на нас **Македонците** ни покажа дека само со сопствени сили може да се избориме за ослободување на Македонија“. - „Кој ви пречи тука во Софија да се школувате и како чесни Бугари да заминете во Македонија?“ - „Ние го напуштивме школувањето во Белград и дојдовме во Софија зашто ни беше ветено од бугарскиот дипломатски агент во Белград, г. Минович, дека ќе имаме полна слобода за здружување на нас **Македонците**... Ние со ништо не сме згрешиле спрема бугарските закони. Нашиот грев е во тоа

[1022] Ристовски, Б. *Македонската национална свест од ...* : 29; В. *Македония*. София, 25.1.1891.

[1023] Юоношеский. „Интелигенцию! Черно да ти е лицето!“. *Македония*, г. III, бр. 7. София, 23. II 1891.

[1024] По формирањето на Младата македонска книжовна дружина, што почна да го печати својот орган *Лоза* и објавената програма на дружината, дел од основачите биле 14 дена притворени од бугарската полиција. Меѓу нив бил и Дамјан Груев.

што ја сакаме нашата татковина.. Кога дојдовме тука се надевавме братски да нѐ помогнете да создаваме своја интелигенција што ќе ја поведе татковината во борба за ослободување.. Како што изгледа ние сме измамени.“ - „Како не сте згрешиле спрема бугарските закони кога без знаење на власта сте свикувале собрание и сте основале студентско друштво?“ - „Нашето друштво не е политичка организација, туку студентска книжовна дружина, па не сметавме дека за такво здружување треба дозвола од полицијата. Впрочем, такво здружување ни е ветено во Белград и ние постапивме според него... Ако сметате дека за тоа е потребна дозвола, ќе ја побараме“. - „Велиш дека вашето студентско друштво не е политичка организација, а самиот изјавуваш дека ќе се борите за ослободувањето на Македонија. Не е ли тоа политичко прашање, револуција?“ - „Тоа не е насочено против Бугарија, туку против Турција. Во тоа треба и вие братски да нѐ помогнете, ако нѐ сметате за браќа“. - Зошто ви е такво списание кога во Бугарија има такви во кои можат да пишуваат сите, па и **Македонците**?“ - „Тукашните списанија не можат да обезбедат доволен простор за македонските проблеми, а положбата во Македонија е таква што бара посебно гласило. Нам ни претстои долга и макотрпна борба за обединување на народот во Македонија за да се спротивставиме не само на турскиот терор, туку и на туѓите пропаганди што го цепат народот на Срби, Грци и Бугари“. - „Значи ли тоа дека списанието ќе биде и против Бугарија?“ - „Списанието ќе излегува тука во Софија и вие секогаш ќе имате можност да го цензурирате. Ќе излегува јавно. Тоа е и доказ дека нашето студентско друштво не е илегално, како што не обвинувате.“[1025]

[1025] Ристовски, Б. *Македонската национална свест од лозарството до другарството: Ослободителните борби на Македонија од Источната криза до Балканските војни*. БАН. София, 2016: 30.



Книгата на Петар Поп Арсов (Вардарски), Стамболовштина во Македонија

1891 год. Бугарскиот егзарх Јосиф I. Писмото на егзархот Јосиф I до самоковскиот митрополит Доротеј во ги открива намерите на скопскиот митрополит Теодосиј Гологанов: „Не се чувствувал Бугарин, а **Македонец**. Не примил во Скопје директори и учители од Бугарија, се готвел да прогласи независност од Егзархијата... Зборувал на граѓаните и учителите дека не ја признава Егзархијата, дека ги прекинал односите со неа... На учителот Ѓорче Петров му сугерирал да собира етнографски материјали, со што се докажува дека **Македонците** се разликувале од Бугарите...“[1027]

1891 год. Теодосиј Гологанов. „Јас, долупотпишаниот митрополит скопски Теодосиј, по милоста Божја киријарх на Скопската епархија, ја поднесувам оваа своја молба од свое име и од целата православна паства од Македонија со која ја молиме Неговата Светост да нè прими во крилото на Римокатоличката црква. Нашата желба произлегува од историското право на **македонскиот православен народ** да се ослободи од јурисдикцијата на

[1027] Истото, 492-493.

туѓинските цркви, Бугарската егзархија и Цариградската патријаршија, да се обедини во своја единствена православна црква и да ги добие сите белези на народ кој има право на самостоен духовен и културно-просветен живот...“[1029]

1891 год. Теодосиј Гологанов. Писмо на владиката Теодосиј Гологанов со архимандритот Дионисиј:[1030] „Чудна е промислата Божја, а уште се почудни патиштата негови. Христос проповедаше љубов меѓу луѓето и за неа отиде на крст, а, ние, луѓето, во името на Христовата љубов, со неговиот најсвет симбол - крстот**, шириме меѓу луѓето најголема омраза и ги потиснуваме духовно и национално, убедувајќи ги дека добро им чиниме. Така и нашата Света Егзархија на чело со блажениот егзарх Јосиф I прави севозможно да го убеди кутриот македонски народ** дека му го мисли доброто, дека се грижи за неговата сегашност и иднина, и дека сака да го извади од темнина националното неосознавање и од него да создаде свет**и Бугари**... А не треба да те убедувам... дека **наша Света Егзархија со својата црковна и просветна дејност тука во Македонија, врши, всушност, најмизерна задача, му го одзема името на еден народ и го заменува со друго, му го одзема мајчиниот јазик и го заменува со туѓ** за да обезбеди на својата Влада и своите бугарски чорбаџии да си ја прошират трговијата и на туѓа територија. А како ова ти ќе го наречеш, драги брате, ако не ново ропство, пострашно од турското. Турците земаат имоти и животи на рајата, но не посегнуваат врз неговиот дух. Тие го уништуваат телото, но духот го почитуваат. А нашата света Егзархија го убива ова другото, постојаното. Тоа се братски и христијански однос?...

Ние, духовниците по потекло од **Македонци, треба да се** здружиме и го кренеме нашиот народ да се разбуди, да ги отфрли туѓинските управи, да ја отфрли и Патријаршијата и **Егзархијата и** да се обедини духовно во крилото на Охридската архиепископија, неговата вистинска мајка црква...

Јас тргнав да ја обновувам Охридската архиепископија и враќање назад нема. Не сум сигурен дека ќе успеам, зашто многу е направено од нашите „пријатели“ да се дојде до вакво дереџе. Но време е да се почне со сеидбата. Некое семе ќе падне на камен, некое пилците ќе го исклукаат, но некое и ќе најде плодна почва и ќе никне. Секој почеток е тежок и секое големо дело бара жртви. **Нека, ако рече Господ, јас бидам првата жртва, но нека таа жртва биде полезна за мојот народ**...

[1029] *Документи за борбата*..., 291-292; Archivio della S. Congregazione de Propaganda Fide, Roma, Indice della Ponenza - Marzo, 1892-93, Somm. XV, 132 - 141; *Разгледи*, XIII/1: 117-118.

[1030] Дионисиј, архимандрит во Софија, со потекло од Струмичко, истомисленик на Теодосиј Гологанов.

Преку Томо Јанакиев организирав средба со Паисиј и му го кажав планот за Охридската архиепископија... Му реков и тоа дека за поголемиот дел од епархиите имаме достојни луѓе за митрополити, а таму каде што немаме ќе прифатиме и владици **Грци,** само ако го знаат нашкиот, **т.е. македонскиот јазик**..."[1031]

1891 год. Бискуп Аугусто Бонети, Ватикан.[1032] „Митрополитот Теодосиј откако нѐ почести со кафе и некакво слатко (по овдешниот обичај) мина на проблемот веднаш. Најнапред му се обрати на г. конзул, Шмукер, и го праша дали има чест да зборува со Неговата Светост. Кога тој со глава му потврди, ми се обрати срдечно приближно со овие зборови: „Сметам дека мојот ценет пријател, г. Конзул, го има запознаено вашето начелство со искажаната од нас желба да побараме за себе и за целата паства во **Македонија** покровителство на Неговата Светост Папата за обнова на стародревната **Охридска архиепископија**, која незаконски е укината пред околу 120 години. Желбата на мојот народ е да се ослободи од духовната потчинетост на Бугарската егзархија и Цариградската патријаршија и да си има своја народна црква." ... Сепак тој покажа дека не е многу склон кон попуштање, кое е одлика на сите источни прелати кога станува збор за тврдоглавост. Извади еден лист од својата маса и започна да чита ... Условите, главно, се сведуваат на ова: да се обнови Охридската архиепископија, на чије чело ќе биде тој, Теодосиј; свештенството - вишето и нижето - да биде македонско, од него назначувано; границите на Архиепископијата да се поклопуваат со границите на Провинцијата Македонија; католичките мисионери во Македонија да не се мешаат во внатрешниот живот во Архиепископијата; да не се менуваат обредните форми во богослужбите, облеката на свештенството и сл. ... Моето лично мислење е дека митрополитот Теодосиј сосема искрено пристапува кон овој чин и дека постојат објективни услови да биде следен од целата паства на Македонија..."[1033]

[1031] *Документи за борбата*..., том 1: 288-291. Централен државен исторически архив. София, 176. Оп. 1, а.е. 595, л. 5-42; *Разгледи*, X/8. 1968: 996-1000.

[1032] Шефот на Лазаристичката мисија со седиште во Цариград води преговори со митрополитот во Скопје, Теодосиј Гологанов.

[1033] *Документи за борбата*..., том 1: 293-295. (A. Della S. C. P. F. Roma, Indice della Poneza - Marzo 1892 - 1893, Somm., XV, 132 - 141); *Разгледи*. 13/1, 1971: 113-116.

1891 год. Владан Ѓорѓевиќ, Србија.[1034] „Пред три дена забележав во овдешните весници белешки во кои се лутат н**а Македонците** за некаков ’безобразен‘ проглас што се растура по градот. На прогласот - стоеше во белешките - пишува дека е дело на некаков ’македонски силогос‘ во Цариград... **Тој измислен силогос ги повикува Македонци да работаат на основање одделно македонско кнежевство**. За жал, овој проглас се растура од овдешно**т Македонско друштво**, сигурно без знаење на неговиот управен одбор... Г. Апостоловиќ залудно одел од една редакција до друга, тие го искинале односниот проглас. Но од нив разбрал дека тој проглас го раздавал неко**ј Стеван Македонец** кој живе во овде. Азил н**а Македонското братство**... вчера му го дал, го одвел да го ’чест‘ во своето кафеанче; во таа пригода ги повикал по ре**д Македонците** што седат во неговата кафеана и ги прашувал што сакаат тие? Секој одговарал**: *самостојна македонска држава***. Г. Апостоловиќ се зачудил.“[1035]

1891 год. Владимир Кариќ, Србија. „Освен тоа, таму во Врање се населиле како чиновници или пензионери, или инаку, мала група **Македонци** и Старосрбијанци која незадоволна од својата состојба и положба низ цело време од ослободувањето па до денес на цел глас постојано ја напаѓале секоја влада, Србија и Србите воопшто. Таа ненаситна група шпекуланти го прави тоа и денес. Таквиот пример не остана без влијание кај врањските староседелци на кои малку им требало па и тие да влезат во концертот на овие **Македонци**...

Колкупати се правеле обиди да се разбие таа македонска компанија во Врање, но без успех...“[1036]

1891 год. Стојан Новаковиќ, Србија.[1037] Во неговите три писма до министерот за надворешни работи на Србија, Михајло Ѓорѓевиќ, го информира дека над Галата Сарај, покрај Златниот Рог, постои една рамна долина на Хасим-паша и во тоа предградие на Цариград „живеат 1500-1600 наши браќа **Македонци** од околината на Тетово, Ресен, Битола и Прилеп. Над 60 души се пекари и имаат свој старешина, уредени како **македонски еснаф**, сите други

[1034] Пратеник на Кралството Србија во Атина.

[1035] *Граѓа за историјата*, том V, книга II, 516-518.

[1036] *Граѓа за историјата*, том V, книга II, 451.

[1037] Во овој период Стојан Новаковиќ бил српски пратеник во Цариград и во тоа својство го информирал со писма српскиот министер за надворешни работи, во кои се гледа на каков начин дејствувале српската и бугарската пропаганда врз македонските печалбари во Цариград.

се градинари, исто така организаирана дружина. Уште поодамна им фрливме око на овие луѓе да од нив формираме една црковно-училишна општина и пуштивме меѓу нив српски книги, тука печатени, и дури сега оваа работа созреа толку што пекарските и градинарските старешини на овие еснафи ми се јавија лично на мене и ме молеа како да ги упатам да отворат тука училиште и ме замолија за материјална помош од Србија, дека тоа училиште не можат сами да го издржуваат како сиромашни луѓе... Јас им кажав дека ние може да ги потпомогнуваме само за училиштето кое би било под Патријаршијата и дека тие треба да се обратат со молба до патријархот, и во училиштето да се учи по српски...

Од бугарска страна, тука, од Егзархијата, го почувствуваа ова движење и егзархот пред споменатите еснафски старешини испратил луѓе и ги повикале да му дојдат...

Главен водач на оваа работа е пекарскиот устабаша, родум од Тетово, кој има син прилично спремен за учител, но само со знаење на домашниот дијалект, а без знаење на книжевниот јазик...“

1891 год. Учителски собор во Прилеп. „Македонија е поплавена од учебници и други помагала на бугарски, српски или грчки јазик, само не на нашиот мајчин јазик. Ние имаме сили да напечатиме свои учебници, доколку Владата на Неговото Величество султанот ни одобри да печатиме во царските печатници.“[1041]

1892 год. Црковно-училишна општина Велес. „Од долго време сме заблудени како стадо и сме измамувани од бугарската пропаганда. Ние отсекогаш сме Словени од Македонија и такви скаме да си останеме. За да не нè побугари Егзархијата, ни го зеде единствениот наш заштитник, скопскиот митрополит Теодосија. За да се зачуваме од бугарската пропаганда, сакаме да си го вратиме единството со светата Голема црква. Сакаме да се одделиме од Бугарите и натаму да бидеме третирани како самостојна словенска општина, да имаме наши училишта, во кои ќе плаќаме и ќе издржуваме наши учители. Ве молиме свети патриајарху, да бидете толкувач пред Османлиската порта за да ни укажува помош како на ортодоксни Словени. Бараме дозвола за

[1041] Ристовски, Б. *Македонска нација*, 1. Мисла. Скопје, 1983: 502-503; Димевски, С. *Некои форми на здружување*..., цит. дело: 196-197.

училишта во кои нашите деца ќе учат на мајчиниот јазик и ќе се воспитуваат во духот на својата православна вера и црква...“[1042]

1892 год. Димитар Сакелариев. Учителот и национален деец Сакелариев од Кајлари силно ја напаѓа Бугарската егзархија за прогонувањето на митрополитот Теодосиј Гологанов: „Митрополитот Теодосија не е ни првата ни последната жртва на стоглавата хидра - Бугарската егзархија. Таа е една перфидна политика да се уништи уште во својот корен сознанието на словеномакедонскиот народ за сопствено постоење. Преку црквата преку училиштата, разните читалишта и друштва, тој треба да го трансформира својот лик од словеномакедонски во бугарски и на таков начин да ги засити апетите на бугарската круна за излез на Солун и Бело Море, не водејќи притоа сметка не избирајќи средства да ја постигне својата нечесна цел. Ние од ова место високо го креваме својот глас против однародувањето на македонскиот народ и секогаш сме готови и научно да докажеме дека **Македонците се Словени и посебен народ** што ни по јазикот, ни по обичаите, ни по наравите не се Бугари.“[1043]

1892 год. Димитар Секалариев. Полимизирајќи со бугарскиот трговски агент Атанас Шопов, Секалариев му се обраќа со следниве зборови: „Анатема на тебе, ѓаволе! Ти настојуваш за Бугари во Македонија, но ние со необорливи докази ти укажуваме дека такви ни по јазикот, ни по наравите, ниту по обичаите не постојат во Македонија. Зар не гледаш дека весникот *Свобода* го смета вашиот јазик неразбирлив за нас Словеномакедонците...“[1044]

1892 год.[1045] Ѓорѓија Пулевски. Ѓорѓија Пулевски во неговото дело ***Славјанско-маќедонска општа историја*** полемизира со српскиот историчар Раиќ околу прашањето на словенските народи. Меѓу останатото, Пулевски го напишал и следното:

„А горе речен историк ва Историята си нигде не спомнал нито за славянско-јазичните посредователи, нито за славянските просветители, а нито за староместните овдешни жители, за пришествието им и битијето им.

[1042] Ристовски, Б. *Македонската нација*, 1. Мисла. Скопје: 504; (Димевски, С. *За развојот на македонската национална мисла до создавањето на ТМОРО*. Скопје, 1980: 272).

[1043] Димевски, С. „Присуството на Теодосиј Гологанов во развојот на македонската национална мисла во епохата на национално-револуционерното движење“. *Гласник*, 2. ИНИ. Скопје, 1976: 79.

[1044] Димевски, С. „Некои форми на здружување на македонското граѓанство и интелегенција во 80-тите години на XIX век“. *Годишник*, III, 1, ИСПИПИ. Скопје, 1977: 200.

[1045] Околу 1892 год.

А сегде во Историјата си спомнувал само **Руси, Польяаци, Моравци, Ильирци, Сърби и Болгари, а камо Чеси, Словаци, Краньци** и **Макьедонци**? Барем да я не вельел Историјата си *Историја от разни славянски народи*.

А **Макьедонци** оту се се староместни полострофски жительи и гостопријемци и болгарски и сьрбски и горцки и от други народност, а сусѣди елъински, затова овая книга кажуваме **Славянско-макьедонска история** и за от сви живущих пришелци полострофски - да си знојат кој когашен е..."[1046]

1892 год. Списание *Лоза*. Најпрвин списанието истакнува пример на угледен Македонец, баронот Костадин Бели,[1047] кој се бори за еманципација на македонскиот народ во меѓународни рамки, покажувајќи со тоа дека и членовите на ММКД, како и авторите на списанието, национално се идентификуваат со него: „**Поминаа цели 54 години откако покојниот Македонец, баронот Костадин Бели го упатил во Виена говорниот повик 'Кон своите еднородници Македонци' во кој е излеана сета негова душа, срце и нерви**. Жално е дека неговите патриотски совети, засновани врз вечни вистински принципи, досега не биле чуени од оние на кои им се упатени..."[1048]

„Само еден поглед е доволен за да се видат очајничките потреби на нашата татковина. Благодарение на последните политички настани на нашиот полуостров и географска положба на Македонија, денеска таму се собрале севозможни надворешни елементи, кои, воодушевени од своите, за нашата иднина разурнувачки планови и интереси, слободно и со трескава енергија го засолуваат антагонизмот, кој и без тоа постои во земјата...

Само еден силен отпор од наша страна може да нè зачува од грабливите посегнувања. Но во денешниве услови ние не можеме да

[1046] Пулевски. Ѓ. М. *Славјанско-маќедонска општа историја*. Подготовка: Блаже Ристовски и Билјана Ристовска-Јосифовска. Скопје, 2003: 37-38.

[1047] Константин Бели Македонецот (1770 - 1838), австриски барон од македонско потекло. Неговото семејство од егејскиот дел на Македонија се иселило во Хабзбуршката Монархија. Завршил високи наобразби и со својата интелегенција и способности брзо се вивнал во врвовите на монархијата. Никогаш не го зборавил своето македонско потекло, напротив, работел и на афирмација на македонството. Го поттикнува македонскиот патриотизам, се изјаснува за Македонец, но не за Македонец Елин, се залага за ослободување на Македонија како самостојна држава, помага на Македонците емигранти и дава стипендии за македонските студенти итн. Најпознат е по неговиот *Апел до своите соднородници Македонци*, објавен во Виена 1838 година, во кој ги повикува Македонците да не ја забораваат својата татковина и своето потекло, Македонците да се почитуваат самите себе и едни со други да се помагаат.

[1048] *Документи за борбата*..., том 1: 298-299. В. *Лоза*. София,1/1, 1892: 1-3.

извршиме слично дело; за тоа нам ни се потребни сили, а нашите се разнишани, раздробени. Значи треба да се обединиме, да ги собереме во една општа, моќна сила, ако сакаме да ја зачуваме иднината на нашата татковина. Тоа треба да биде стремежот на секој чуствителен **Македонец**, каде и да се наоѓа тој."

„**Младата македонска кни/жовна/дружина ја има предвид токму оваа цел... За постигање на таа цел, Дружината ја издава својата *Лоза.*"**[1049]

1892 год. **Весник *Новини*, Бугарија.** „Како што гледате, ***Македонската дружина*** смета дека нивната татковина е **Македонија**, дека последнава е населена одделно со словенско племе наречено '**Македонци**'; дека таму дека тамо се собрале севозможни Бугари, Грци, Срби и др. Воодушевени од своите планови и интереси; дека целта им е да ни дадат еден силен отпор и да се запазат од нашите разбојнички посегања..."[1052]

1892 год. Весник *Свобода*, Бугарија. По повод излегувањето на првиот број на весникот *Лоза*, којшто го издавала Младата македонска книжевна дружина во Софија и „на еден вешт начин се прави обид за прикажување на посебниот историски, културен и етногрфски карактер на Македонија", уредникот на провладиниот бугарски весник *Свобода* пишува: „Усилбите на целата интелигенција, на целиот бугарски народ, засега се насочени кон глува, бесшумна борба за бугарско национално единство; се арчат пари и сили и народна енергија во таа борба со Србите и Грците; не се штеди ништо за да победи идејата дека Бугаринот од Македонија, Тракија и Мизија е син на една иста мајка Бугарија... и при сето тоа на самото предвечерје на таа засега нерамноправна борба во отворена војна, во бугарската престолнина, во срцето на Бугарија излегуваат луѓе што се осмелуваат да ги расипат плодовите од толкугодишните усилби, да докажат дека **Македонците се одделна нација, со посебен јазик, со посебни историски задачи**! Какви подобри докази можат да бараат Србите дека Македонија не е Бугарска? ...".[1053]

1892 год. Весник *Искра*, Бугарија. Ова списание, обидувајќи да ја смири вжештеноста во нападите на бугарскиот провладин весник *Свобода* во однос на весникот на Младата македонска книжевна дружина *Лоза*, се обидува да ја релативизира вистинската намера на Македонците во Бугарија,

[1049] Истото; *Лоза*. София, 1/1, 1892: 1-3.

[1052] Ристовски, Б. *Македонскиот народ и македонската нација*, I. Скопје, 1983, 492-493.

[1053] Ѓорѓиев, В. *Неофицијални ставови*..., цит. дело: 256; (*Свобода*, VI/774. София, 18.2.1892: 3)

што, всушност, претставува посебна тактика за негирање на македонскиот народ: „Со припишувањето на **Младата македонска книжовна дружина** стремежи што таа и не мислела да ги гони, ние им даваме едно ново оружје во рацете на нашите непријатели. Србите и Грците од едно грло ќе рикнат дека има расцеп меѓу Бугарите и **Македонците**, дека нивните тврдења дека божем Македонија била населена со Срби и Грци се оправдуваат од дејствата на самите **Македонци**, кои дејства ние самите така непромислено им ги припишуваме, кога тие не ги ни сонувале... Нашиот страв почнува да се оправдува. Одговоров беше набран и готов за печат кога го добивме бројот 64 од *Новини* во којшто се зборува за цариградскиот грчки весник *Неологос* доаѓа до апсурниот заклучок дека споменатите Бугари ѝ припаѓале на српската народност. Е како ви се гледа тоа г. Левов?“[1055]

1892 год. Димитар Т. Драмов (Левов), Бугарија. Стамболовистички публицист, една година пред формирањето на ВМОРО, ја предупредува бугарската јавност дека Младата македонска книжовна дружина е всушност предвесник на Македонската револуционерна организација. Меѓу другото, пишува: **„Како што гледате, ’Македонската дружина‘ смета дека нивната татковина е Македонија, дека последнава е населена одделно со словенско племе наречено ’Македонци‘; дека таму дека таму се собрале ’севозможни‘ Бугари, Грци, Срби и др. Воодушевени од своите планови и интереси; дека целта им е да ни дадат еден силен отпор и да се запазат од нашите разбојнички посегања и дека накрај *Лоза* ќе ѝ служи на истата цел!! - како ви се бендисува?! - За таа цел ќе послужеле слободните капацитети што ќе ги чувале во ’заемнопомошната каса на Македонците‘ (види ја стр. 48) и списанието, ,името, програмата и правецот на кое ќе се определат со решение на Дружината (в. Чл. I. П.а. од Уставот), т.е. полека-полека ќе го подготвуваат бугарското општествено мнение за одделување на Македонија од Бугарија и полека-полека ќе воведуваат зборови од охридското поднаречје што ќе биде литературен јазик на идната Велика Македонија на чело на која ќе застане некој од редакторите на *Лоза*‘ во својство на Филип или Александар“**.[1056]

[1055] Ристовски, Б. *Македонската нација.* Мисла. Скопје, 1983: 495; (*Искра*, IV, 1, 1892: 51-52).

[1056] Ристовски, Б. *Македонската нација*, I. Скопје, 1983: 492 - 493; Ѓорѓиев, В. *Неофицијални ставови*..., цит. дело: 257; (Левовъ, Д. Т. *Лоза*, *Свобода*, VI/786. София, 13.4.1892: 3).

1892 год. П. П. Карапетров, Бугарија. За многубројната македонска колонија во Цариград, кои поради зборовите „така-вака“ ги нарекува „такавци“, за нив Карапетров вели дека „почнаа сами да се нарекуваат **Македонци**“.[1057]

1892 год.[1058] Димитрије Боди за група учители во Костур, Србија. Српскиот дипломат - конзул до српскиот министер за надворешни работи - предупредува за воведувањето на македонскиот јазик во училиштата во Костур: „Ве известувам, господине министре, дека во последно време во градот Костур се појави некакво интелектуалистичко движење кај месните учители со кое се инсистира да се отфрлат грчката и бугарската пропаганда, а **во училиштата да се воведе македонскиот дијалект како наставен јазик**. **Оваа иницијатива**, впрочем, господине министре, започна од **неколку градски учители непријателски расположени спрема грцизмот и бугаризмот**... Тие донеле решение да ѝ предложат на месната црковно-училишна општина да се воведе во градското училиште **мајчиниот јазик наместо бугарскиот**...“[1059]

1892 год.[1060] Димитрије Боди, Србија. „Дознав од своите луѓе дека тамошната општина на своето заседание од 22 аввгуст о.г. донела решение за новата учебна 1892/1893 година наставата да се држи на **македонски дијалект**. Дури на градските учители им била дадена задача да направат програма за јазичната настава и изготват привремена граматика на **македонски дијалект**. Доколку наставата во градското училиште се покаже успешна, тогаш и полугодието да се прошири и на соседните села: Маврово, Личишта, Тихолишта и Шестово. Една комисија од тројца учители е задолжена да ја почне работата и таа веќе заседава во Економскиот интернат...“[1061]

1892 год.[1062] Димитрије Боди, Србија. Српскиот конзул, откако разбрал за иницијатива за настава на македонски јазик во Костур, ја проверил состојбата и до својот министер, меѓу другото, напишал: „Испратив во Костур

[1057] Карапетров, П. „П. Нѣколко думи за българската черква въ Цариградъ“. Сп. *Мисъл.* София, 1892, I, XI и XII.

[1058] 20.8.1892 год.

[1059] *Документи за борбата*..., 1, 303; (ДА - ДЦИП, П, одд. И, ред 278, 1982)

[1060] 26.8.1892 год.

[1061] *Документи за борбата*..., том 1: 303-304 (ДА - ДСИП, П, одд. И, ред 278,1892)

[1062] 1.9.1892 год.

човек од конзулатот... и ми соопшти дека Комисијата за создавање **литературен македонски јазик,** на кој би се предавало во градското училиште во Костур, веќе располагала од порано со доста обемен материјал за создавање **македонска граматика и македонски речник**“.[1063]

1892 год. (К. Групчев?) „Македонец“. „Единствената вина на Н.В. Теодосија Гологанов, егзархискиот митрополит во Скопје, се состои во тоа што тој не се сообрази со силата и моќта на непријателот што поодамна со лаги фати корења кај чорбаџиите. Меѓутоа, отстранувањето на Н.В. Теодосија уште не ѝ гарантира на егзархијата дека ќе ги задуши чувствата на народот што се буди од тежок летаргичен сон. Тоа го знае егзархот Јосиф, како што го знаат грчките силогоси и српските конзули. Тие знаат дека Словените во Македонија толку се Бугари, Срби или Грци, колку што Чесите и Полјаците се Руси.“[1064]

1892 год. Наум Евров. „Бугарските историчари и пропагандисти се повикуваат на сведочењата од разните европски и арапски патописци што ја посетувале Македонија и населението го именувале како Бугари. Ние, пак, прашуваме: ’кој од тие патописци вршел етнолошки истражувања во врска со потеклото на **Македонците**? Тие толку биле информирани што не ги разликувале Словените со Аварите...“[1065]

1892 год. Темко Попов. „Крајно време е Бугарската егзархија и нејзиниот ешалон од агитатори во Македонија да сфатат дека помина времето кога кутрото **македонско население** можеа да го мамат со славното бугарско минато и да му всадуваат во душата идеи што немаат ништо заедничко со неговото битие. Денеска нашиот народ не се состои само од прости гурбетчии, туку има и интелигенција што прошетала повеќе свет од самите егзархиско-бугарски пропагатори и знае што мириса, а што смрди. Егзархијата неодамна се нафрли на Н.В. Теодосија, скопскиот митрополит, а веројатно во својот список има на ред и други патриоти за чистење. Меѓутоа, се зборува дека **словеномакедонското семе** најде плодна почва и насекаде никнува. Потребно е само здружување на силите за да се исчисти плевелот и да роди добар плод. Денот да се очисти **словеномакедонскиот храм** од трговците што

[1063] *Документи за борбата*..., том 1: 304-305; ДА - ДСИП, П, одд. И, ред 278, 1892.

[1064] Ристовски, Б. *Македонската нација* 1. Мисла. Скопје, 1983: 499; („Македонец, вистината и лагата“. *Зорница*, XVI, 16.1.12.1892: 3)

[1065] Истото; (Н. Е. „Етнографско потекло на македонските Словени“. *Зорница*, XVI, 17. 4.12.1892: 2)

тргуваат со човечките души веќе е дојден. Кога ќе се крене силен народен бран против нив, одвај ли некој од нашите душогрижници ќе успее и багажот да си го крене, брзајќи што поскоро да се најде таму од каде што дошол.“[1066]

1892 год. Иван Хаџи Николов. „Во јули 1892 година дојдов во Софија за да побарам преку Коста Шахов кој издаваше македонски весник, едно авторитетно лице, **Македонец**, кој ќе дојде во Солун и ќе застане на чело на револуционерната организација за ослободување на Македонија.

Откако ме ислуша, К. Шахов ни рече: ’Разбрав што сакаш, но не можеш да го најдеш тука бараното лице. Тука сите се шмеќари, само зборуваат, а кога ќе дојде време за работа, ги нема. Тука има само едно лице со кое можеш сериозно да зборуваш по македонското прашање. Тоа е јункерот Гоце Делчев.‘

Се согласивме со Коста Шахов да му соопштиме на Гоце дека сакам да се видам со него и в недела во два часот попладне да се сретнеме кај Шахов. Во определеното време јас отидов во печатницата на Коста Шахов и таму ги затеков двајцата...

Планот за основање на Револуционерната организација:

1. Организацијата да се основа во Македонија, а не во Софија, бидејќи основана во Софија и раководена од Софија, Србите и Грците ќе ја третираат како измислица на бугарската влада, ќе основаат и тие такви организации и од нашата организација нема да излезе ништо. При тоа, таа треба да биде тајна.
2. Основачите да се **Македонци**, чесни, да имаат добро име и да живеат во Македонија...
3. Паролата треба да биде *Автономија на Македонија*. Нашето барање трба да се потпира на чл. 23 од Берлинскиот договор...
4. Организацијата треба да биде самостојна и независна...
5. Од **Македонците** во Бугарија и од бугарскиот народ ќе бараме морална и материјална поддршка, без притоа да ни се мешаат во работата...“[1067]

„**И јас му се чудам на македонскиот дух..., цела Македонија, како еден човек, со трогателна еднодушност тргна зад нас, ни ја даде сета своја**

[1066] Димевски, С. *Присуството на Теодосиј...*, цит. дело: 80-81.

[1067] *Документи за борбата...*, цит. дело: 321-323; (*Гоцев лист*, 1/1, 1933: 8; Тодоровски, Г. „Формирањето на ВМРО според ракописните мемоари на Иван Хаџи Николов“. *Разгледи*, XI/10. 1969: 1072 - 1074.

подрдшка и својата морална доверба..., и велам: *Македонци, вие не сте само херои, туку и светци, за вас сите жртви се заслужени.*“[1068]

1892 год. Грчкиот весник *Неологос* од Цариград, Грција. „Најпосле весникот *Свобода* согледа прст на **противдејство на бугаризмот** и меѓу бегалците **Словеномакедонци** во Бугарија, па поради тоа најде за неумесно да ги остави на мир и бегалците иселени поради тие дејствата на бугарските пропагандисти и населени во Бугарија. Земајќи повод од едно периодично списание под наслов *Лоза* издавано во Софија на **словеномакедонски јазик**, **со сосем друг правопис (не бугарски)**, *Свобода* изригнува разрушувачки пени против **Словеномакедонците** во Бугарија и ги заплашува со испадување. И зошто? Затоа што **Словеномакедонците** измамени и со оставени таткови огништа се преселуваат во Бугарија, каде што, откако ќе се запознаат поодблизу со бугарскиот народ, со неговиот јазик, нарави и обичаи и кога ќе ги најдат **туѓи за себеси**, ја сетуваат измамата и почнуваат да си го разработуваат својот мајчин јазик, издавајќи разни периодични списанија и весници на него. Овој правец од **Словеномакедонците** *Свобода* го карактеризира како шлаканица врз панбугаризмот и откако размислува за јазикот и правописот *Лоза*, го наоѓа **јазикот на Словеномакедонците неразбирлив за Бугарите**, **а правописот сосем туѓ на бугарскиот**, и прашува: која е целта и намената на печатењето во главниот град на Бугарија списанија на **словеномакедонското** наречје, **кога Бугарите не го разбираат**?...“[1069]

[1068] *Спомени/И. Х. Николов*..., Скопје, 1995; Тодоровски, Г. *Можно ли е, нужно ли е датирањето на раѓањето на македонската нација*..., 291.

[1069] Ристовски, Б. *Македонската нација*, 1. Мисла. 1983: 496-497; *Новини*, II, 68, 22, V. 1892: 1.

1892 год. Чедомил Мијатовиќ, Велика Британија.

CONSTANTINE

The Last Emperor of the Greeks

OR

THE CONQUEST OF CONSTANTINOPLE BY THE TURKS

(A.D. 1453)

AFTER THE LATEST HISTORICAL RESEARCHES

BY

CHEDOMIL MIJATOVICH

FORMERLY SERVIAN MINISTER AT THE COURT OF ST JAMES

London
SAMPSON LOW, MARSTON & COMPANY
Limited
St Dunstan's House
FETTER LANE, FLEET STREET, E.C.
1892

40 CONQUEST OF CONSTANTINOPLE.

incredible crowds, and it is then a miracle if all be not lost. . . . . The Turkish lances are worth nothing; their archers are the best troops they have, and these do not shoot so strongly or so far as ours. They have a more numerous cavalry; and their horses, though inferior in strength to ours and incapable of carrying such heavy weights, gallop better, and skirmish for a longer time without losing their wind.

"I must own that in my various experiences I have always found the Turks frank and loyal, and when it was necessary to show courage, they have never failed. . . . . Their armies, I know, commonly consist of 200,000 men, but the greater part are on foot, and destitute of wooden shields, helmets, mallets, or swords; few, indeed, being completely equipped. They have, besides, amongst them a great number of Christians, who are forced to serve—Greeks, Bulgarians, Macedonians, Albanians, Slavonians, Wallachians, Servians, and other subjects of the despots of that country. All these people detest the Turk, because he holds them in a severe subjection; and should they see the Christians, and above all the French, march in force against the Sultan, I have not the slightest doubt but they would turn against him

„Меѓу нив тие имаа голем број христијани кои беа принудени да слугуваат - Грци, Бугари, **Македонци**, Албанци, Славонци, Власи, Срби и други субјекти на деспотите од таа земја..."[1071]

EL CORREO ESPAÑOL

DIARIO TRADICIONALISTA

AÑO VIII | PRECIOS DE SUSCRIPCION | Madrid.—Martes 30 de Julio de 1895. | PUNTOS DE SUSCRIPCION | NÚM. 2.069

En Macedonia.

CONSTANTINOPLA 29.—Se confirma la noticia de que los insurrectos macedonios atacaron la plaza de Melnik, pero se ignora todavia si lograron tomarla.

MACEDONIA: a True Endless Story… 18 март 2020

1071 https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/09/1892_Chedomil-Mijatovich-The-conquest-of-the-Constantinople-by-te-Turks-London.jpg.

1894 год. Списание *Лоза*, Николаев. „Нам, на **Македонците**, положбата во овие последни години уште повеќе ни се влоши. Од една страна, најинтелигентното и најбогатото население од Македонија чувствително се губи под неподносливиот поредок и него го голтаат соседните ослободени земји, од друга страна, секоја година со десетици илјади работни раце не се ослободени да ги обработуваат своите земјишта, ги напуштаат своите домови, остават сѐ пусто и заминуваат во странство, од каде што најмалку половина век не се враќаат по своите куќи; од трета, многубројни убиства речиси секој ден таму се извршуваат од своеволните разбојници. Дури и самата турска Влада со својата пристрасна трпеливост им дава полна слобода на разни пропаганди кои го разделуваат христијанското население и го развратуваат било преку големи поткупи било преку внесување заблуда, иако самата Влада многу добро ја познава народноста и верата на тоа несреќно население и е должно да го заштитува од осквернавување на неговите чувства и обичаи... Според тоа, ние сме должни да започнеме систематска дејност која ќе ја покаже пред целиот надворешен свет нашата лоша положба и ќе го постави одново македонското прашање и прашањето за Одринскиот Вилает на зелената маса. Но за една таква дејност потребно е групирање сите **Македонци**: *ние сите треба да се обединиме и здружно да дејствуваме.*“[1074]

1894 год. Петар Поп Арсов. „Познато е дека туѓите весници, посебно австриските и англиските, го слават Стамболов како ’бугарски Бизмарк‘, ’балкански Криспи‘ и со други, за бугарскиот Нерон умилкувачки епитети што мошне пријатно му sунеа во... Тој тиранин, кој ништо свето за Бугаринот не остава неизвалкано за задоволување на својата жед за власт, посака да се послужи и со училишното дело во Македонија. Тој блудник, којшто се подигра со честа, животот и имотот на своите сонародници во кнежевството, посака истото да го стори и со нас **Македонците** во сопствената наша татковина - **Македонија**... Ај да видиме што ќе стане; Србија - балкански Пиемонт, Бугарија - балканска Прусија, **Македонците**... сепаратисти! ... Нашите **Македонци** учители кога влегуваат во зградата на гимназијата (егзархиската - Б.С.) се чувствуваат како во некоја турска канцеларија, каде што добро треба да ги обмислат и избројат зборовите, инаку биват прогласени за сепаратисти ... тешко на нивната златна службичка!... Одземете му го на човека полето на дејствување - тој е веќе мртов; така и нашата љубезна Егзархија со своите два оддела, стремејќи се на нашите општини да им го одземе благородното поле

[1074] Документи за борбата..., цит. дело, 323-324; (Николаев, „Да се сдружим“. *Лоза*, 1/V. София, 1894: 36-38.

за работа, преку својот авторитет сака да ги умртви и да ги убие!... Напомош сите чесни **Македонци**! Дојдете да ги спасиме сите умирачки општини во **Македонија**, со што сакаат да нѐ претворат во мртов труп за да си играат со нас како што сакаат нашите божемни браќа!... Нашите вековни господари (Османлиите - Б.С.) никогаш не задирале во нашето општинско самоуправување, макар и под грчки владици, нашиот народ во општините бил слободен во издржувањето и уредувањето на училиштата, црквите, манастирите и други народно-општествени прашања... И точно, таа наша општина - единствената народна установа што ја зачувала нашата национална и човечка физиономија низ петстотинигодишниот период, Егзархијата со секакви средства сака да ја претвори во нула, да ја задуши, да го задуши народниот дух!!!...

Токму таква е нашата положба - ни даваат пари за да нѐ убијат... По врага со тие пари, ако убивајќи ги нашите општини... им натрупуваат севозможни претседатели, директори, учители и други за да ги контролирале (!?) сумите - **единствениот мотив на бугарската пропаганда! ... Да, бугарската пропаганда!**

Најважните служби Егзархијата им ги доверува на **Бугари**: владици, архимандрити, директори, инспектори, учители, деловодители, редактори итн., а од егзархиската служба ги отстранува совесните **Македонци** против кои се употребуваат сите дозволени и недозволени средства да бидат изгонети од својата татковина...

Со тоа „народната“ Егзархија совршено смислено се стреми да го ликвидира секое самостојно движење кај нас, на **Македонецот** да му одземе секаква можност да се занимава со повозвишени прашања; да нѐ окове во синџири за да не разигрува како мечка и да нѐ води таму од каде што ќе добие поголем бакшиш!...“[1075]

1894 год. Петар Поп Арсов. Во писмото на Поп Арсов до бившиот министер на Бугарија Михаил Сарафов, меѓу другото, пишува: „И Ве уверуваме дека таква ќе продолжи да биде положбата на сите твои сонародници што доаѓаат во Македонија со претензии: ’да создаваат Бугари‘, ’да ја култивираат земјата‘, да повелаат во сѐ како што сакате вие да правите во Солун со неделното училиште со вашето ’раководителство‘, со игнорирање на правата на општината - претставничка на народот; уште потешка ќе му стане положбата и на вашето начелство, кое сака нека биде тоа, ако продолжи да ви дава слични инструкции; нема да прокопса ни бугарската идеја ако одите со

[1075] *Документи за борбата*..., том 1: 305-308; Вардарски, П. *Стамболовщината в Македония и нейните представители*. Печатница на бр. Попеви. Виена, 1894: 3-6, 13, 30-63.

тој ум. Зашто ние **Македонците** асли ништо немаме, ништо не сме спечалиле, благодарејќи на слепата доверба кон своите божемни браќа, па немаме и што да загубиме. Жално е, но што да правиме, кога мнозинството од нашата интелигенција е расипана од вашето злато...“[1076]

1894 год. Теодосиј Гологанов. „**Ние Македонците** немаме толку мака од Турците, да ни е жив падишахот, отколку од Грците, Бугарите и Србите кои како орли на мрша се впуштија во оваа наша многу страдална земја и сакаат да ја расчеречат. Јас тргнав да ја обновувам Охридската архиепископија, враќање назад нема.“[1077]

1894 год. Петар Поп Арсов (Вардарски). Ставајќи се во одбрана од настапувањето на туѓите пропаганди, Поп Арсов македонските црковно-училишни општини ги квалификува како „единствен наш парламент“ во кој: „...се закрепнувал и се запазувал стариот словенски демократски дух на нашиот народ - основата на патријахалното словенско веќе... и... единствената народна установа што ја зачувала нашата народна и човечка физиономија низ петстотинигодишниот период, а Егзархијата ги употребува сите средства за да ја обрне во нула, да го задуши народниот дух!!!...“[1078]

„Егзархијата ги доверува најважните служби во рацете на северните Бугари: владици, архимандрити, директори, инспектори, првостепени учители, деловодители, редактори и др., а ги гони од егзархиската служба свесните **Македонци**, против кои се практикуваат сите простени и непростени средства за да излезат надвор од својата татковина, каде што во повеќе случаи, за жал, ја забораваат својата потесна татковина што има нужда од нив. Со тоа ’народната‘ Егзархија наполно свесно се стреми да го убие секое посамостојно движење кај нас, да му ја земе секоја можност на **Македонецот** да се занимава со повозвишени општествени прашања...[1079] во Македонија сепак се наоѓаат луѓе што не ќе ја остават Егзархијата да си игра со цел еден народ по својот ќеиф...“[1080]

[1076] Ристовски, Б. *Македонската нација*, 1. Мисла. Скопје, 1983: 505; Вардарски (Петар Поп Арсов), *Стамболовщината въ Македония и нейните прѣтставители*. Виена, 1894, 34.


[1077] ЦДА - София, ф. 989, оп.2, а.е. 59, 1-3; Миноски, М. *Македонизмот*..., 89-90.

[1078] Вардарски (Петар Поп Арсов), *Стамболовщината* ... : 47-49.

[1079] Истото, 54-55.

[1080] Истото, 57-58.

1894 год. Гоце Делчев. „Дали може да има друго место за еден **Македонец** освен **Македонија**? Дали има **народ** понесреќен од **македонскиот**? И дали има некаде пошироко поле за работа отколку во **Македонија**?...[1081]



и ускориха въстанието, насочено от вътрешната и външни върховисти.

Втората грешка, много по важна, сесъстои в това че Гоце: който със цялата си революционна дейност и разбирания фактически допринесе извънредно много за оформяването на развитието на македонското национално съзнание,/македонско славянско, нито българско нито сръбско/. Няма защо да се чудим тогава, че нашите "приятели" оттатък си служат с тези неща сега. Ето какво каза сръбската пропаганда:"Когато сръбската буржоазия виде, че няма да постигне сериозни резултати в посърбяването на българските народни маси по

Во спомените на Милан Антонов (1906 - 2010), внукот на Гоце Делчев, убеден Бугарин, кога пишува за грешките на неговиот вујко, меѓу другото, запишал: „Втората грешка, многу поважна, се состои во тоа што **Гоце со целата своја револуционерна дејност и разбирање фактички придонесе извонредно многу за создавањето и развојот на македонското национално сознание (македонскославјанско - ниту бугарско ниту српско).** Тогаш нема зошто да се чудиме што нашите 'пријатели' од другата страна сега се служат со овие нешта..."[1082]

1894 год. Сер Артур Николсон, Велика Британија.[1083] „За време на разговорот што го водев со г. Стамболов на 23-ти овој месец тој се наврати на македонското прашање за кое се плашеше дека може да стане мошне опасно за Бугарија...

Македонците биле неодговорни луѓе, а во главниот град нивниот број изнесувал четвртина од вкупното население меѓу сите слоеви од општеството. Доколку во Македонија се јавеле немири, целата земја би била разнишана. Секое движење тој го спречувал во почетокот со затворање на водачите и на највжештените глави од нивните следеници...

Господинот Стамболов многу добро ги познава **Македонците** и е добро информиран за плановите на сите овдешни друштва."[1084]

[1081] Полјански, А. Х. *Кон осумдесетгодишнината од загинувањето на Гоце Делчев (1903 - 1983)*. Пула, 1985: 201.

[1082] Димитровски, З. *Публика* (политички магазин). Скопје, 11.12.2010: 6-8.

[1083] Британски дипломатски претставник на Балканот.

[1084] *Сведоштва* ... : 87; *Британски документи за историјата на Македонија (1886 - 1900)*, редкција Драги Ѓорѓиев, том V. Скопје, 2005: 354-355.

1894 год. Сер Артур Николсон. „Денес, за време на вообичаениот неделен прием, г. Начович ми рече дека сака сериозно да зборува со мене за македонското прашање за кое тој смета дека ќе предизвика големи проблеми.

Во моето претходно писмо го известив вашето лордство за активноста што неговата Влада ја преземаше со веројатноста Македонците во ова земја да бараат спроведување на реформи во администрацијата во соседните провинции... Со други зборови, бугарската Влада смета дека доколку биде прифатен проектот во Бугарија, ќе инсистираат оваа Влада да преземе некои чекори за добивање силни привилегии за своите сонародници. Ако Портата не се согласи со предлозите на Силите, тоа ќе доведе до компликации кои веројатно ќе ги охрабрат **Македонците** да извлечат корист од сето ова...

Господинот Начович ми објасни дека во бугарската армија имало околу 100 македонски офицери, во цивилната администрација имало исто така многумина од оваа раса, додека, пак, во главниот град Софија имало неколку илјади...

Јас му одговорив дека од информациите што успев да ги добијам заклучив дека населението преку границата не е наклонето да земе учество во каква било агитација, а исто така дека ми беше кажано оти **Македонците** тука немаат моќ да предизвикаат нешто посериозно.[1085]

1894 год. Елиот Ц., Велика Британија.[1086] „Нема сомневање дека мнозинството чисти Бугари во земјата се населени во областите што се наоѓаат на јужната граница од Кнежевството, а чистите Срби во северните делови на Косовскиот Вилает. Јужно, т.е. во Битолскиот и во Солунскиот Вилает најголемиот дел од населението претставува **словенска раса** која не зборува ниту бугарски ниту, пак, српски.“[1087]

1895 год. Едмунд Фејд, Велика Британија. Британскиот дипломат ги пренесува ставовите од српскиот весник *Видило*: „Членот 23 од Берлинскиот договор не се применува само на **Македонија**, и ние, исто како и Бугарите, сметаме дека во **Македонија** живеат наши браќа, бидејќи тие мислат дека **македонските Словени** се Бугари, ние, пак, од наша страна, тврдиме дека тие се Срби; дека тие се слични со нас по вера и политика; дека тие се непрекинато со нас во културниот и религиозниот живот од почетокот на XIII век, па сè до формирањето на новата Бугарска егзархија во наше време. Ние не можеме да дозволиме да се каже дека **Бугарите** се подобри пријатели на **Македонците**


[1085] *Британски документи*..., том V: 370-371.

[1086] Британски дипломат, секретар на Британската амбасада во Цариград.

[1087] *Британски документи за историјата на Македонија (1886 - 1900)*, том V . Скопје, 2005: 326.

отколку што **Србите,** и поради оваа причина ние преземаме мерки да ги спречиме последните бугарски интриги.

Сосема е јасно дека **Бугарите не го разгледуваат прашањето за правата на Македонците поради самите Македонци, туку заради нивните интереси. Ако беше само прашањето за Македонците, тие ќе побараа присилно воведување на сè што гарантира чл. 23 од Берлинскиот договор, т.е. автономни права за сите вилаети во Европска Турција.**[1088]



The Literary Digest

A REPOSITORY OF CONTEMPORANEOUS THOUGHT AND RESEARCH

* * AS PRESENTED IN THE * *

Periodical Literature of the World.

VOLUME XI.

MAY, 1895, TO NOVEMBER, 1895

FUNK & WAGNALLS COMPANY, - - - PUBLISHERS
30 LAFAYETTE PLACE, NEW YORK

which they now enjoy. Besides, the Romanic and Greek Christians of Macedonia are not very warlike, and their best men have emigrated. On the other hand the Macedonians do not think that the rule of Bulgarian policemen will be much better than that of the Turkish *zaptieh*, and they will not fight together unless their independence is guaranteed. In the mean time the occasional local risings are put down in the most barbarous manner, and the Macedonians are never sure that they will not suffer the fate of the Armenians."

What that means is best illustrated by the following account which Mostigo, one of the most celebrated of the Kurdish robber chiefs, gave to a correspondent of *The London Daily Telegraph:*

"We kill many Armenians, but not for pleasure. What we want is their sheep and cattle, not their lives, but we have to shoot them sometimes, when they resist us. Sometimes they resist us when we take their women. But they can not do much. If the Kurds kill Armenians, nobody cares. We are not their worst enemies, anyhow, we only want booty, and some of us

Во њујоршкото периодично политичко списание од 1895 година објавена е анализа на состојбите во Османлиската Империја и Македонија. Во потцртаниот пасус го пишува следново: ,,Освен тоа, влашките и грчките христијани од Македонија не се многу воинствени. Од друга страна, **Македонците** не сметаат дека улогата на бугарските полицајци ќе биде многу подобра од турските заптии, тие нема да се борат заедно сè додека не биде гарантирана нивната независност. Во меѓувреме, повремените локални бунтови повеќето пропаѓаат во варварски манири и **Македонците** не се никогаш сигурни дека нема да бидат жртвувани како Ерменците."

1895 год. Мирослав Хубмаер, Словенија/Австро-Унгарија.[1089] „Прво и прво, недостига доверба во туѓите ослободители, а и стравот од турската сила и жестокост многу длабоко е проникнато во срцата. Па и покрај тоа, **таму секој Македонец во себеси ја носи мислата за слободна, независна и самостојна Македонија**.

[1088] *Британски документи*..., том V: 348-349.

[1089] Словенски социјалист, учесник во Македонското/Кресненско востание од 1878 год. како еден од раководителите на тоа востание.

За самите **Македонци** Хубмаер ги наведува и следните нивни изјави: „Ние со ентузијазам би се бореле за нашето ослободување за да бидеме способни во нашата земја, но за да ги промениме само господарите, та наместо турски заптии да бидеме тепани од бугарски или српски џандарми, за нешто слично нема ни со прст да мрднеме.“[1090]

1895 год. Гоце Делчев, војвода.[1091] „Пред неколку недели г. Чакаров[1092] се јавил со офицерска униформа во Виница со намера да прогласи внатрешно востание! Благородна намера! Нема поспасоносен лек од оној со кој се зафатил Чакаров. Ослободувањето на **Македонија** лежи во внатрешното востание. Оној што мисли дека Македонија ќе се ослободи поинаку, тој се лаже и себеси и другите. Но кои се тие што ќе се кренат сега на востание? Чакаров ли? Ако востание може да се подигне со 140 души, **Македонија** одамна ќе беше ослободена државичка; бидејќи тоа е невозможно, ами треба народ за тоа, што треба да се прави? Треба тој народ да се разбуди од петвековниот длабок сон кој го направил **Македонецот** доста дебел во свеста за човечките правдини...“.[1093]

1895 год. Весник *Меркјури*, Австралија. Веста под наслов: „Македонски злокобности“ најверојатно се однесува за подготовките на македонските атентатори кои подготвувале напад врз значајни објекти во престолнината на Османлиската Империја и кои биле осуетени; „Постоењето заговор меѓу **македонските бунтовници** за уништување на палатата на султанот во Стамбол е откриено и предизвикало голема тревога...“[1094]

1895 год. **Григор Начович, Бугарија.** Бугарски министер за надворешни работи: „Секоја година **Македонците** пристигнуваат овде во голем број. Тие се вработуваат како sидари, градинари и др. и заштедуваат доволно пари за да можат да преживеат во текот на зимските месеци, било дома или овде меѓу нас. Во првиот случај, споредбите меѓу нашето и турското управување создава

[1090] Полјански, А. Х. „Учество на Мирослав Хубмаер во Кресненското востание“. *Одбрани дела*, 2. Скопје, 1981: 373; Ристовски, Б. „Ѓорѓија Пулевски“. *Одбрани страници.* Скопје, 1974: 22; Поплазаров, Р. *Санстефанска фикција и посебноста на Македонија.* Култура. Скопје, 1978: 51 - 52.

[1091] Писмо на Гоце Делчев до Ефрем Каранов.

[1092] Александар Чакаров од Штип, македонски деец со авантуристички настроенија.

[1093] Лапе, Љ. *Писмата на Гоце Делчев*. Скопје, 1951: 11; *Документи за борбата*..., цит. дело: 324-328; (Сборник *Илинден 1903 - 1926*: 15-20).

[1094] *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 12-13; Меркјури, Х. *Македонски злокобности*. 25 септември 1895: 2.

плодна почва за агитирање против постојната состојба во Македонија. Во вториот случај, меѓу нас има силен елемент на **странско население** кое и понатаму одржува врска со неговата татковина и работи во нејзино име. Сега во Бугарија има 150 000 такви **Македонци**, а само во Софија 15 000, додека приличен број може да се најдат и во секој друг поважен град.“[1095]

1895 год. Програма на македонските социјалисти. „Македонските долини и планини, горски карпи и пештери се веќе оросени со црвената крв на ограбениот роб - **Македонец**... Паланка, Кочани, Кратово и на многу други места, нашите браќа **Македонци** веќе ги пречекале дивите безмилосни поганци со отровниот куршум и остриот нож. Тие паднаа за слобода на нашата татковина... Како што рековме и во нашата покана, нашата парола ќе биде: ’**Ослободувањето на Македонија е дело на самите Македонци‘.**.. Додека **Македонците** не се кренат сите до еден, никој нема да се заинтересира за нив...“[1096]

1895 год. Весник *Револуција*.[1097] „Ние излегувме со весникот *Револуција* кој ќе биде орган на сите млади револуционери кои се неразделно сврзни со угнетуваната маса и кои најдостојно ќе можат да ги насочуваат бунтовничките движења меѓу неа. Тие млади сили, проникнати со принципите на револуционерниот социјализам, ќе внесат нови елементи во ослободителната борба... Нашата девиза ќе биде: ’Ослободувањето на Македонија е дело на самите Македонци!‘

Помош од другите држави не може да се очекува при сета силна желба на мнозина, уште помалку може да се очекува од Бугарија или Австрија.

Како крајни револуционери и републиканци... ние ќе ја подготвуваме народната маса и кон слободољубиви општествени реформи... и идејата за создавање една незвисна Македонска Република“.[1098]

1895 год. Гроф Хенкел фон Донерсмарк.[1099] „Според доверливи известувања на сегашниот австриски амбасадор, стремежите на **Македонците**

[1095] *Британски документи*, том V: 370 - 371.

[1096] *Документи за борбата*..., том 1: 367-368; В. *Револуция*. „Орган на македонските револуционери“. София, 28.6.1895: 1-2.

[1097] Весникот *Револуција* е прв социјалистички орган на македонската работничка група на чело со Васил Глвинов, кој почнал да излегува 1895 година во Софија.

[1098] Зографски, Д. *Одбрани дела*, кн. 3. Скопје, 1986: 23.

[1099] Германскиот вршител на должност во Цариград.

кон политичка **автономија на Македонија** добија законувачка форма за Портата. Како што е досега познато, **Македонците** го образложија своето барање до Турција со чл. 23 од Берлинскиот договор, според кој Портата во европската провинција требаше да воведе самоуправен статут, за што ќе помогнат формираните месни комисии. Меѓутоа, сега ова **движење во Македонија** е засилено од сознанието дека Англија, поддржувана од Русија и Франција, работи во полза на малозаиските Ерменци..."[1100]

1896 год. Фердинант I Саксобуршки, Бугарија. Кнезот на Бугарија, Фердинант, на средбата и разговорот со српскиот дипломат Владан Ѓорѓевиќ во Цариград на 6.4.1896 год. ја истакнал потребата од српско-бугарско зближување, особено по прашањето за Македонија, каде што, меѓу другото, рекол дека: „**Во Македонија главната маса од населението ниту се Бугари, ниту се Срби, туку Словени и христијани** кои зборуваат јазик подеднакво далечен или ако сакате подеднакво близок и на српскиот и на бугарскиот јазик, но јазик кој е посебен дијалект, ако не и посебен јазик. Наместо да се караме околу тоа дали тој е дијалект на српскиот или бугарскиот јазик, ние треба заеднички да работиме на тоа овде,[1101] кај нашиот заеднички Тате, кај султанот - за да им даде на своите верни поданици во Македонија такви реформи кои ќе им осигураат човечки живот и културен развиток... Ако тоа се реши, културата на **Македонците** ќе го реши прашањето коешто никоја сила не може да го реши, па дури ако Србите и Бугарите поради тоа ја фрлаат на коцка својата државна егзистенција."[1102]

1896 год. Никола Ганчев Еничерев, Бугарија. „Се раскажува дека г. Шапкарев со вујко си Стрезиди кога се принудиле да се простат од грцизмот отпрвин се наречувале не Бугари, ами **Словени**. Тоа се потврдува и од неговото настојување да ги обликува разните учебници на Груев и Манчев во друг дијалект што тој го нарече **македонско наречје** и преку кои учебници доста се потруди да може да доведе до расцеп меѓу Македонците, Тракијците и Мизијците."[1103]

[1100] *Документи за борбата*…, том 1: 308-309; (*Die Grosse Politik der Europäischen Kabinette, 1871 - 1914*, 12/1. Band. Berlin, 1923: S. 121-122).

[1101] Се мисли на Цариград (Истанбул).

[1102] Ѓорѓиев, В. *Неофицијални ставови*.., цит. дело: 258; (ДАРМ, Скопје, ф. Политичко-просветно одељење (ПО), мф. 446, Пов. Но. 228, Цариград, 26.3.1896)

[1103] Еничеревъ, Н. Г. В. „Шапкарев за Прилѣпъ и Охридъ". *Българскиъ прѣгледъ*, III, 7-8. София, 1896: 239; Ристовски, Б. *Димитар В. Македонски*. МАНУ. Скопје: 28.

1896 год. Владимир Качановски,[1104] Русија. „Минатата година во своите писма од Солун (нов. вр. бр. 6941) јас обрнував внимание на политичките погледи на мнозинството од населението на Македонија; укажував дека во Македонија насекаде среќаваш луѓе што не сакаат да бидат ни Бугари, ни Срби, ни Грци. Но овие три народи силно соперничат меѓу себе околу правото за завладување на благословената Македонија. Имајќи го предвид засиленото агитирање на овие три народности во последно време во Македонија, коешто штетно се одразува на самото население што служи како предмет за раздор во земјата, водачите на ултрамакедонското дело, не без влијание од странство и од турските власти, составиле и испратиле до великиот везир посебна петиција во која потписниците молат да се направи класификација на националностите што ја населуваат Македонија врз основа на народниот јазик. Само по таква класификација, се вели во петицијата, може да се подигне прашањето: *кому му припаѓа Македонија*?“[1105]

1896 год. О. Лисевич, Русија.[1106] „Натписот на **македонски јазик** што се наоѓаше на знамето (поставено на римскиот вијадукт) за којшто станува збор во извештајот, гласи: ’Ваше Величество (султанот)..., досега Вие не ни дадовте никакви права... до 30 мај бараме одговор, инаку сме готови да ја запалиме Македонија. На знамето има црн крст што го донесе еден несреќен човек **Македонец** на чијшто фон е напишано: *За ова ние се мачиме.*“.[1107]

1896 год. Панагиотис (Пол) Аргиријадес Грција.[1108]„Македонија како татковина на двете најголеми личности на античкиот свет - Аристотел и Александар Велики којшто го освои светот - не треба ли да ја освои одново својата независност и својата автономија?

Ако една автономна македонска администрација се уреди за оваа земја само за десет години, таа ќе биде земен рај на светот...

[1104] Владимир Качановски бил професор по словенска филологија на Историско-филолошкиот институт „Кнез Безборотко“ во Нежин. Имал негов периодичен зборник *Вестникъ Славянства*, во кој објавил повеќе статии за македонскиот јазик, култура и историја. Ја посетил и Македонија и собрал голем зборник на македонски песни.

[1105] Истото, 34-35; (В. *Новое Время.* С. Петербургъ, 22.7/3.8.1896).

[1106] Руски конзул во Скопје.

[1107] Миноски, М. *Македонизмот* ... : 29-30; *Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859 - 1918)*. Скопје, 2004: 114.

[1108] Панагиотис (Пол) Аргиријадес (1849 - 1901), француски социјалист родум од Македонија, ја пропагирал идејата за балканска конфедерација, и преку неа да се реши и македонското прашање.

Малите држави - грчката, бугарската и српската - спорат за приграбување на Македонија, служејќи се со сите видови докази: шовинистички и историски, измислени за поткрепа на нивните интереси, при што не се забележува дека се заснова на историската вистина; побргу Македонија треба по право да ги поседува сите тие земји кои сакаат да ја голтнат, зашто таа самата порано ги владеела и господарела над нив.

Но овие аргументи какви и да бидат, се застарени и апсурдни за сегашнава состојба и за нашите идеи. Тоа што треба да бараме во ова прашање е средството да им дадеме задоволување на храбрите македонски жители од сите народности. Значи, тоа решение не се наоѓа со право ни во поделбата на Македонија (тоа ќе биде, од друга страна, штета за една таква земја) ни во завладувањето од една од државите што лакомат за неа (тоа ќе биде неправедно), туку во нејзината полна независност и нејзината апсолутна автономија, со една федеративна влада на нејзините провинции и децентрализација и најапсолутна комунална автономија... **Македонците** не ги сакаат тие гледања што можат да ги задушат. Тие сакаат да си останат **Македонци**, без друг епитет, за да ја сочуваат за себе својата убава Македонија...“[1109]

1896 год. Весник *Дејли њус*, Австралија: „Има известување за остра борба меѓу Турците и **Македонците**. Изгледа дека една **македонска група** нападнала турски корпус во Корица (Корча - Б.С.), мал град на југозапад од **Македонија**...“[1110]

1896 год. Панагиотис (Пол) Аргиријадес, Грција.[1111] „Македонија како татковина на двете најголеми личности на античкиот свет - Аристотел и Александар Велики којшто го освои светот - не треба ли да ја освои одново својата независност и својата автономија?

Ако една автономна македонска администрација се уреди за оваа земја само за десет години, таа ќе биде земен рај на светот...

Малите држави - грчката, бугарската и српската - спорат за приграбување на Македонија, служејќи се со сите видови докази: шовинистички и

[1109] *Документи за борбата*..., том 1: 371 - 372; („Almanach de la Question Sociale“. *Illustrè*. Pour. Paris, 1896: 240 - 244).

[1110] ДАРМ. *Македонија во странскиот печат*. Скопје, 14 - 15; (*Дејли Њус*. Перт. *Турци и Македонци - пораз на првите*. 29 октомври 1896: 4).

[1111] Панагиотис (Пол) Аргиријадес (1849 - 1901), француски социјалист, а родум од Македонија, ја пропагирал идејата за Балканска Конфедерација и преку неа да се реши и македонското прашање.

историски, измислени за поткрепа на нивните интереси, при што не се забележува дека се заснова на историската вистина; побргу Македонија треба по право да ги поседува сите тие земји, кои сакаат да ја голтнат, зашто таа самата порано ги владеела и господарела над нив.

Но овие аргументи какви и да бидат, се застарени и апсурдни за сегашнава состојба и за нашите идеи. Тоа што треба да бараме во ова прашање е средството да им дадеме задоволување на храбрите македонски жители од сите народности. Значи, тоа решение не се наоѓа со право ни во поделбата на Македонија (тоа ќе биде, од друга страна, штета за една таква земја) ни во завладувањето од една од државите што лакомат за неа (тоа ќе биде неправедно), туку во нејзината полна независност и нејзината апсолутнаавтономија, со една федеративна влада на нејзините провинции и децентрализација и најапсолутна комунална автономија... **Македонците** не ги сакаат тие гледања што можат да ги задушат. **Тие сакаат да си останат Македонци**, **без друг епитет, за да ја сочуваат за себе својата убава Македонија ...**

Решавањето на македонското прашање преку независност, автономија и федеративен режим се налага како најправедно. Тоа се налага и заради европскиот мир и се налага исто така за зближување на народите на Балканскиот Полуостров, за соседите на **Македонија**, чијашто егзистенција ќе биде сигурна со основањето на една конфедерација која ќе ги отстрани опасностите што можат да се појават од надворешните моќни непријатели.**“**[1112]

1897 год. Георги Алексов.[1113] „Тогаш кога **Македонците**, свесно интелегентните **Македонци,** од сите страни викаат **Македонија на Македонците**, српските агитатори и платени новинари викаат: не Македонија, за Србите... Признавам, не и е многу пријатно на **Маћедонија**[1114] кога ќе дојде збор за зачуваните спомени кај **Македонците** за некогашното славно минато време, но ’почим‘ тоа е наша традиција, ние секогаш сме слободни да си ја приспомнуваме и да се бориме за нејзиното исполнување...“[1115]

„Сите заинтересирани за Македонија... Нека разберат еднаш за секојпат оние лажни патриоти (од државните претенденти) дека **Македонија**

[1112] *Документи за борбата*..., том 1: 371-372; „Almanach de la Question Sociale“. *Illustrè*. Pour, Paris, 1896: 240-244; *Сведоштва за македонскиот идентитет*. ИНИ. 2010: 94-95.

[1113] Георги Алексов бил редактор на весникот *Малешевски Балкан* (12.1 - 15.6.1897).

[1114] Се однесува на весникот *Маћедонија*.

[1115] Весник *Малешевски Балкан*. 2 мај 1897; *Документи за борбата*..., том 1: 335-336.

е земја чисто македонска и како таква не може да биде (друга) освен македонска. Македонска на **Македонците**, тоа ќе биде еден од нашите први принципи врз којшто ќе се бориме против тоа зло..., ќе ја градиме зградата на ослободувањето. Не се сомневаме дека овие наши погледи ќе ги возбудат жолчките на не малку самонаречени заштитници на измачениот, угнетенеиот и поробениот несреќник **Македонец.“**[1116]

1897 год. Апостол Перовски. Според Наум Спанос,[1117] учесник во Грчко-турската војна, подоцна андартин: „Во Атина дојдов точно на 3 октомври 1897 година и размислував за работа. На 26 октомври ме сретна Апостол Перовски, ме поздравува: ’Добро те најдов војводо‘ - ми вели - ’ни го обели образот на **Македонците**‘, ова беше негов трик. Ми вели: ’Капетан Наум, слобода да не очекуваме ниту од Грците ниту од Бугарите. Само ние **Македонците** да се бориме за нашата **Македонија**‘. ’Во ред, дојде времето‘ - веднаш му реков. ’Браво, многу добро зборуваш‘ - но нешто се посомневав. Се осмели тој и ми вели дека ’**Македонците** почнуваат да се подготвуваат, дури овде има и комитет од **Македонци**, и во Романија, и во Србија, и во Бугарија ќе се подготвуваме сите **Македонци** и ќе дејствуваме во **Македонија**, треба да се запишеме сите во Комитетот‘. Јас веднаш прифатив...“[1118]

1897 год. Виктор Берар. „Турците, Грците и Бугарите, муслиманите, православните и расколниците (егзархистите) би изгубиле премногу со разбудувањето на **македонското чувство**!“[1119]

1897 год. Петар Стојков. „Не сум... писател, но јас како македонски патриот се чувствувам себеси должен да работам за македонската организација, да го покажам вистинскиот пат по којшто синовите на Македонија се должни да одат...

[1116] Весник *Малешевски Балкан*. 12 јануарий 1897: 1-2; Полјански А. Х. „Велика Британија и Македонија“. *Годишен зборник на филозофскиот факултет*, 5-6: 31-32. Скопје, 1979 - 1980: 39-40.

[1117] Наум Спанос е роден во с. Хрупишта во 1873 година. Бил учесник во Грчко-турскаата војна во 1897 година и подоцнежен грчки андартин. Именуваниот Апостол Перовски, член на МРО, направил обид да го придобие Наум како Македонец и револуционер да работи за Организацијата.

[1118] *Сведоштва* ... : 98; „Ο μακεδοηικος αγοηας, απομημοηευματα“. *Ναουμ Σπαηος*. Θεσσαλοηικη, 1984: 355-356.

[1119] Bérard, V. *La Macédoine*. Calmann Lévy. Paris, 1897[1] (Colin, 1903[2]): 253.

Ние **Македонците** не ли можеме да си дадеме рака и заеднички да дејствуваме против општиот непријател?... Тоа се бара од нас и ние ако сме искрени синови на нашата татковина треба да се здружиме и сите заеднички да се обидеме да ја дадеме својата моќ на поробените наши браќа, мајки и сестри... и здружено да дејствуваме за ослободување на робот... Слободата самите треба да си ја издејствуваме зашто секој сака да нè пороби, а не да не ослободи...

Тешко! Тешко на оние наши браќа кои чекаат некои да им подари слобода... Слобода не може да добиеме без да излееме и да пролееме јуначка крв... Ние, вистинските синови на Македонија, никогаш не треба за едни мали реформи да го благословуваме управувањето на султанот...

Браќа **Македонци**!... Гответе се за борба. Време е веќе да се разбудиме од длабокиот ни долгогодишен сон. Ние Македонците треба да бидеме искрени кон светот ни дело ако го сакаме ослободувањето на Македонија. Срам и пораз ќе биде за секој **Македонец** ако не се приближи кон нашето свето ослободително дело.[1120]

1897 год. Весник *Малешевски Балкан*. „Одвај има пожестока положба од оваа на **македонската кауза**. Ангажирана од симпатии, чувства, од традиции да биде секогаш во најинтимни врски кон своите директни соседи, Бугари и Срби и др., таа денеска набезмилосно изненадува и тера на покајание...

Што прават Србите и Бугарите и што направиле досега? Ништо, тукуречи, ништо. Или не. Ништо не е она што тие го сториле за Македонија. Не се ништо пакостите што тие ни ги донесоа. Пред соблазливата перспектива за нашето идно поробување од една од нив, тие направија сојуз со цел да нè разделат како една несвесна маса за да можат понатаму слободно да нè експлоатираат... Тие го посеаја сред нас семето на расправии, признаа едни од нас за Срби, други за Бугари, инспирираа некои од нас да ги поддржуваат со своите агитации и нашите непријателски односи, и ете ти го нашиот најголем пораз...

Значи, една молба до сите **Македонци** - не давајте пат на вештачки поддржаните кај нас непристојни страсти, пред мислата на силата на нашиот непријател против кој има да се бориме. Да не правиме разлика меѓу нас со

[1120] Стойковъ, П. *Македонски поборник по свободата на Македония*. София, 1897: 1-25.

некакви Срби или Бугари, зашто сите, пред сè, друго сме **Македонци**, робје на еден крвожеден звер каков што е султанот Хамид...

Живи Бога, оставете нè на мира. Ако не сакате да ни помогнете, барем не пречете ни.“[1121]

1897 год. Весник *Малешевски Балкан*. „Едно големо мноштво **Македонци** кои живеат во Софија, огорчено од злокобните информации дека веќе постои сојуз меѓу Бугарија, Србија и Црна Гора за поделба на нашата родна Македонија меѓу првите две држави, за разграбување на нас **Македонците**... Ако нашите скапи жртви уште не ги убедиле нашите браќа во нашето постоење како луѓе како еден свесен народ, а сега си дозволуваат да нè делат како разбојниците што ја делат својата плачка, ние **Македонците** имаме уште сили што со готовност ќе ги дадеме во жртва на слободата, ќе го спречиме тој пеколен план или ќе умреме со свеста на луѓе пред очите на образованиот свет.“[1122]

1897 год. Весник *Малешевски Балкан*. „Меѓу нас нема ни Бугари, ни Срби, туку **само Македонци**. Тоа на знаење.“[1123]

1897 год. Револуционен лист. Критикувјќи ја штетната улога на Егзархијата во однос на македонското револуционерно дело, во весникот, меѓу другото, се истакнува дека: „Егзархијата го ставила во дејство целиот калуѓерски лексикон од гнасни и ниски епитети за да ги закити градите на најидеалната, најсвесната и најинтелигентната **македонска младина**. Имено, онаа младина која во полното сознание на своето високо призвание не станувала никогаш орудие на нејзините гнасни и ниски махинции и стремежи да го деморлизира нашиот **македонски народ**, и преку својот калуѓерски режим да го држи во тињата на ропството и несознанието; да му ја одземе и онаа сенка од власт во училиштата кој тој со долги борби и големи жртви ја спечалил од тиранот; и најпосле, да гони сè што е свесно и иделно, сето она што е во согласност со нејзините стремежи. Кој ќе ги сноси последиците од борбата што ја започнува Егзархијата?“[1124]

[1121] Весник *Малешевски Балканъ*. София, 6.3.1897. Седмичен весник *Орган на македонските борци* излегувал од 12 јануари до 15 јуни 1897 година. Уредник на весникот бил Георги Алексов.

[1122] Весник *Малешевски Балканъ*. София, 3.4.1897.

[1123] Истото, 24.5.1897.

[1124] Димевски, С. *Македонското национално ослободително движење и егзрхијата (1893 - 1912)*. Култура. Скопје, 1963: 33; „Нашата Егзархия“. *Еволуционен лист*, 13, I. 1987, бр. 10: 1.

1897 год. Гоце Делчев. „Кој знае дали има народ кој толку многу да трпел од своите синови и изроди како **македонскиот**...“[1125]

1897 год. Светозар Симиќ, Србија.[1126] „Според она што имав можност со непосредно набљудување да го дознаам, **не би смеел да тврдам дека националната свест, било српска било бугарска, фатила толку корен во Македонија** што би имале право ние и Бугарите да се повикуваме на неа за да го поткрепиме своето тврдење оти во Македонија живеат наши сонародници. **Свест за народност српска или бугарска нема** или ако и некаде почнала да се чуствува, е развиена до слаб степен; повеќе се чуствува неодредена отколку што се сфаќа јасно... Кога го тврдам ова, ја имам на ум масата селански свет пред чиј број се губи она малку население во градовите, во кои и за тоа поповолни услови од 1871 година почна да ја спроведува бугарската пропаганда, од каде што почна да го шири своето влијание и врз околните села... јас, пак, не губам предвид дека во Македонија за имињата Срби и Бугари не се врзуваат предавството и идеалите. Повеќе со нив се одбележуваат партиите што клонат, макар од кои и да е побуди кон Србите или кон Бугарите, па затоа изгледа дека борбата што меѓусебно ја водат има повеќе партиски отколку национален карактер. И самите **Македонци** како да ја сфаќаат таа борба така, а не поинаку.“[1127]

1897 год. Стег, Франција.[1128] „Интересно е да се одбележи дека сега постои вистински **македонски патриотизам** што не сака да биде ни српски ни бугарски.“[1129]

1897 год. Александар А. Ростковски, Русија. „Овдешните жители почнуваат да го сфаќаат значењето на громките фрази што се произнесуваат отаде границата со барање за ослободување на своите браќа од турското иго, тогаш кога всушност на дело главната ролја ја игра ненаситниот егоизам што сака да загреби сè за себе и ништо да не им се даде на другите. Отаде стануваат докрај сфатливи желбите на **Македонците** еднаш да се ослободат

[1125] Полјански, А. Х. *Гоце Делчев*, 204; *Документи за борбата*..., том 1: 334 - 337; Гоце Делчев, преписка: 43 - 44.

[1126] Светозар Симиќ бил дипломат во МНР на Кралството Србија.

[1127] Светозаревиќ, Б. *Српската и бугарската* ... : 89-90; Доклестиќ, Љ. *Српско-македонските* ... : 437.

[1128] Француски конзул во Бугарија.

[1129] Миноски, М. *Македонизмот* ... : 209.

од сите овие непријателски едната спрема другите пропганда и да го побраат својот спас од Турците во спроведувњето на идејата дека **Македонија е за Македонците**, т.е. со здобивњето автономија во управувњето под власта на султанот, при којашто секоја народност би можела да се развива самостојно, во согласност со својата желба, а не насилно, како што сега го посакуваат тоа соседните држави.[1130]

1897 год. Александар А. Ростковски,[1131] Русија. Во еден негов извештај за Битолскиот Вилает запишал:

„Распоредување на населението:

I. по вероисповед: христијани 470 641, муслимани 327 429, Евреи 5270; вкупно: 803 340;

II. по националност: Турци Османлии 78 867, Албанци 266 061, **Словени** 291 892, Грци 108 023, Власи 53 227; вкупно 803 340.[1132]

...Без оглед на сите недостатоци, се надевам дека податоците што ги давам ќе бидат доволни за разјаснување на процентниот однос и распоредувањето на местото на живеење на различните народности во Битолско Генерал-Губернаторство.

Но бидејќи не сум филолог, јас не решив ни да се обидам да го разјаснам прашањето кон која народност, српска или бугарска, припаѓаат македонските Словени, бидејќи мене ми се чини дека македонското наречје претставува преоден степан од српскиот кон бугарскиот јазик и поради тоа јас ги внесов под една општа рубрика **Словени**..."


1897 год. Вилијам Гледстон, Велика Британија. „Уште полошо и посрамно од самата турска управа е постоењето љубомора меѓу **Грците** и **Словените** и плановите на постојните држави за присвојување туѓи територии. А зошто да не биде **Македонија на Македонците**, како што е **Бугарија на Бугарите** и **Србија на Србите**? Иако сите тие се мали и слаби, нека се остават да се поврзат меѓусебно за одбрана, така што не ќе можат да бидат голтнати од другите, било големи или мали, што веројатно ќе дојде како последица од нивните меѓусебни каранци."[1133]

[1130] Дркул, С. *Македонија меѓу ...* , том 1: 177.

[1131] Бил руски конзул во Битола од 1895 - 1903 год.

[1132] Станоевски, Ц. *Како* ... : 64.

[1133] *Документи за борбата*..., том 1: 373; Полјански, А. Х. „Вилијам Гледстон за македонското прашање". *Историја*, 2. Скопје, 1969: 57-58; Daily News, 15.8.1903: 8.



Hawarden Castle, Chester, 19th Jany., 1897.

Dear Sir,—The hopelessness of the Turkish Government would make me witness with delight its being swept out of the countries which it tortures; but without knowledge of the resources available to support the revolt. I dare not take the responsibility of encouraging it in any form or degree.

Next to the Ottoman Government nothing can be more deplorable and blameworthy than jealousies between Greek and Slav, and plans by the States already existing for appropriating other territory. Why not Macedonia for Macedonians as well as Bulgaria for Bulgarians and Servia for Servians? And if they are all small and weak, let them bind themselves together for defence, so that they may not be devoured by others, either great or small, which would probably be the effect of their quarrelling among themselves.—Your very faithful,

W. E. GLADSTONE.

Оргиналното писмо на Вилијам Гледстон од 19.1.1897 год. Истиот текст е пренесен во весникот *Дејли њуз* на 15.8 1903 год. Неговата девиза - ***Македонија на Македонците*** - прерасна во главно мото за борбата на сите слободољубиви сили во Македонија.

1897 год. Ф. Х. Е. Елиот, Велика Британија. Британски дипломат во Софија: „Во разговорот што го водев претходниот ден со г. Стоилов тој повторно беше мошне нервозен во врска со подготовките во Грција за предизвикување немири во Македонија... **Неговото размислување за решавање на проблемот со Македонија е формирање привилегирана - не автономна провинција,** која ќе биде под управа на христијански генерал-гувернер и со администрација слична на онаа каква што е воведена на Крит; и дека трите соседни држави: Грција, Србија и Бугарија, треба да ветат дека нема да се мешаат во нејзините внатрешни работи.

Тој беше убеден дека еден таков аранжман би ѝ ставил крај на религиозната пропаганда, што беше главен инструмент за политиката на нетрпеливост и меѓусебна недоверба меѓу трите земји, а **давањето можност на Македонците самите да се развиваат и да напредуваат ќе ги отстрани желбите на нејзините соседи да ја присвојат.“**[1134]

[1134] *Британски документи*..., том V: 477-478.

1897 год. **Ф. Х. Е. Елиот, Велика Британија**. „Шеесет и четворица **Македонци** што ја издржуваат казната на Родос за нивното учество во немирите што се јавија 1895 година и кои беа ослободени од султанот, пристигнаа на бугарска територија пред една недела...“[1135]

1897 год. **Ф. Х. Е. Елиот, Велика Британија. „Ниту јазикот од Белград ниту, пак, оној од Софија не им е познат на необразованите селани во Македонија** кои говорат големо мноштво дијалекти, нешто меѓу бугарскиот и српскиот, и понекогаш претставува **феномен што не се појавува во ниту еден од тие јазици**. Факт е дека националното име во Македонија - особено грчкото, бугарското, српското и влашкото - не ги означува расите туку јазиците. Човековата национална определеност се чини дека е резултат на неговото убедување и неговите принципи и таа да биде променета, како и религијата... Како нешто што е значајно, би можел да го споменам погледот на руските писатели, поддржани до извесен степен од овдешната Руска амбасада; имено, дека во Македонија нема Бугари или Срби, туку само Словени и дека населението, исклучувајќи ги Албанците, е доволно хомогено за практични цели да биде можно да се создаде привилегирана провинција на **Македонците** во која разликите на расите не би биле видливи. [1136]

1897 год. **Ф. Х. Е. Елиот, Велика Британија**. „Во разговорот што го водев претходниот ден со г. Стоилов тој повторно беше мошне нервозен во врска со подготовките во Грција за предизвикување немири во Македонија...

Неговото размислување за решавање на проблемот со Македонија е формирње привилегирана - не автономна провинција, која ќе биде под управа на христијански генерален гуверенер и со администрација слична на онаа каква што е воведен на Крит; и дека трите соседни држави: Грција, Србија и Бугарија, треба да ветат дека нема да се мешаат во нејзините внатрешни работи.

Тој беше убеден дека еден таков аранжман би ѝ ставил крај на религиозната пропаганда што беше главен инструмент за политикта на нетрпеливост и меѓусебната недоверба меѓу трите земји, а давањето можност на **Македонците** самите да се развиваат и да напредуваат ќе ги отстрани желбите на нејзините соседи да ја присвојат.“[1137]

[1135] Истото, 495.

[1136] Истото.

[1137] *Британски документи*, том V, 477-478.

1898 год. А. Крал, Австро-Унгарија/Австрија.[1140]

„Благородни грофе,

Со намера да ви испратам еден статистички попис што ќе одговара на интенциите на високата одлука од 30 јануари 1895 ц. 18, кој, главно, ќе го изнесе прегледно односот на населението на поединечните окрузи од овој вилает според националности и конфесии, имам чест најоддано да се обидам во извршување на едно такво дело.

На Вашата Екселенција ѝ е мошне добро познато дека во Османлиското Царство е невозможно во врска со ова да се набават точни податоци, дотолку повеќе што официјалните податоци во повеќето случаи заостануваат зад вистината и се сосема неполни.

Исто така, и податоците од приватни доверливи лица, поради националната возбуденост на партиите и поради разузданото терање странски пропаганди, во повеќето случаи се диктирани од сопствен интерес и затоа треба да се примаат со најголема резервираност.

Броевите на горната статистика се засноваат делумно на цифрите на официјалното салнаме, делумно врз приватни, главно, словенски извори. Затоа повеќето цифри, во просек, стојат поповолно за Словените отколку за другите националности...“[1141]

1898 год. Вилијам Милер, Велика Британија.[1142]„Македонија е ветена земја за сите шест балкански нации и најмалку една голема европска сила со нетрпение планира... ривалските тврдења на различните конкуренти да се преклопуваат едни со други. За Бугарите, Србите и Грците, исто така, Македонија е „ветена земја“, а аспирациите на секој од нив можат да се задоволат со игнорирање на другите. Никој кој ја знае историјата и сегашната политика на Балканот не може да се надева на какво било уредување, каква било политика на отстапки меѓу овие кандидати... **Македонците** не припаѓаат на никоја од овие ривалски раси.“[1143]

[1140] А. Крал бил австроунгарски вицеконсул во Битола.

[1141] Томоски, Т. *Населението на Битолскиот Санџак во 1897 година*, според статистичкиот преглед на австроунгрскиот вицеконсул А. Крал“. *Историја*, 1 Скопје, 1969: 45-71; Hans-Hof und Staatsachiv, Wien, XII, 270, P.A. Türkei, XXV.

[1142] Вилијам Милер, англиски професор и историчар која ја посетил Македонија во 1896, 1897 и 1898 год.

[1143] Panova-Ignjatovik, T. *The British travel writers on the macedonian cultural identity*. Sv. Cyril and Methodius, Faculty of Philology „Blazhe Koneski“. Skopje, 63; Miller, W. *Travel and Politics in the Near East*. London, 1898: 372; T. Fisher Unwin.

1898 год. Гроф Михаил Муравјов, Русија. Рускиот министер за надворешни работи (1897 - 1900) со дециден став дека Русија во тоа време не била спремна да им помогне на Македонците во нивното евентуално подигање востаније против султанот: „Доколку, сепак, наспроти советиве за благоразумност што ние ги препорачуваме, би им успеало на **македонските водечки дејци** и да покренат востание во **Македонија** - тогаш од страната на Русија тоа движење нека не се надева дека ќе дочека ниту сочувство ниту, пак, поддршка. Напротив, во избегнување на многу поопасни усложнувања, Императорското правителство ќе биде присилено да им предостави полна слобода на репресивните дејствија на турските власти во правец на поништување во самиот зародиш на револуционерните замисли на **Македонците**, и во примерно казнување на главните основоположници на востанието.“[1144]

1898 год. Александар А. Ростковски, Русија.[1145] Рускиот конзул во Битола за пропагандите: „Самите Срби објаснуваат дека порано тие своето влијание го имаат свртено кон Босна и Херцеговина, и дури откако загубија секаква надеж кога и да било нив да ги добијат, беа присилени да го свртат погледот кон Македонија и да побараат овде излез на море, без што Кралството не може да живее... Зборувајќи го ова, Србите додаваат дека Русија би требало да им помогне, бидејќи Бугарија, имајќи ги Варна и Бургас, би можела да постои без Македонија, додека за Србија ова е прашање за живот и смрт. Додека се одвива борбата меѓу Србите и Бугарите за идното завладување на Македонија, Грците ќе ја искористат својата сегашна положба и невознемирувани повеќе од Славјаните ќе ја зацврстат својата положба во Јужна Македонија, т.е. ќе ја постигнат својата цел, бидејќи тие веќе престанаа да сонуваат за Северна и беа присилени да ја признаат неа за славјанска.

Како последица од таквиот однос на пропагандите, овдешните жители почнуваат да го сфаќаат значењето на громките фрази, искажувани отаде границата, за желбата да бидат ослободени браќата од турското иго, додека, всушност, главната ролја ја игра алчниот егоизам, што сака сè да присвои и ништо да не им даде на другите. Отаде станува сосема сфатлива желбата на **Македонците** да се ослободат од сите овие непријателски, едните спроти другите пропаганди, и да бараат спас од Турците во спроведувањето на идејата дека ’**Македонија е на Македонците**‘. Доколку оваа идеја некогаш се

(http: //www.arhive.org/stream/trafelspoliticsoomilluoft/travelspoliticsoomilluoft_djvu.txt)

[1144] Дракул, С. *Македонија меѓу* ... прв том, 261.

[1145] Александар Аркадиевич Ростковски (1860 - 1903) бил руски конзул во Битола.

осуштестви, тогаш на тоа ќе биде можно само да му се радува, бидејќи на тој начин Македонија за првпат ќе се ослободи од разните нарушители на поредокот, а како второ, **Македонците**, свртувајќи им грб на претставниците на непријателските меѓу нив балкански држави, ќе ја вложат сета своја надеж во Русија и беспрекословно ќе ги слушаат нејзините совети.

Самостојното Славјанско Македонско Кнежевство што ќе се простира до границата со Албанија ќе ја уништожи исто така со својата појава секаков повод за раздори меѓу Србија и Бугарија.

Овдешната интелигенција,[1146] незаинтересирана за пропагандите, покажува стравување дека устројството на автономна провинција од Македонија е опасно, сè дури е Бугарија вазално кнежевство, бидејќи би можело да се повтори источнорумелиската историја, па Бугарија да ја присоедини кон себе Македонија, приредувајќи ја комедијата со назначување на кнезот за генерал-губернатор. Како што се чини, Бугарите се имаат први досетено за постоење меѓу **Македонците** сепаратистички тенденции и тие преземаат мерки за нивно искоренување. Со оваа цел тие постепено ги заменуваат учителите, месните, тука родените, со оние што се испраќани од Кнежевството, додека овдешните **Македонци** тие ги преместуваат на служба во Бугарија на тој начин само во текот на 1898 година тие успеаја 25 проценти од овдешниот учителски персонал да го пополнат со чисти Бугари.“[1147]

1898 Господин Петар Стојков и две ноти на турските власти до Министерството за надворешни работи на Бугарија во врска со објавите на П. Стојков. „Принципот на револуционерот е да се бори со непријателот на народот, било со перо, со меч, бомби и динамит, само да придонесе со својата моќ во борбата за ослободување на човештвото...

Господа читатели, не сум побуден од писателски талент, од идејата за слободољубие или од некоја друга егоистична цел, но јас сум **Македонец**, го сметам тоа за мој свет долг да го кренам мојот слаб глас против свирепоста на гнилата Турција... за извојување на нашата човечка правда... ќе бараме исполнување на обврските од Берлинскиот договор потпишани од страна на Турција. Во името на слободата, во името на правдата и во името на светата **македонска револуција,** да се подготвуваме за борба, т.е. да се подготвуваме за едно сеопшто востание...“[1148]

[1146] Се мисли на македонската интелигенција.

[1147] *Сведоштва* ... : 57-59; Дракул, С. *Македонија меѓу ... (1894 - 1901, 1902)*, прв том, 1995: 127, 129, 130, 134-135, 141, 149-151.

[1148] Стойковъ, П. (македонски поборник) *Ключът на македонската революция*. София, 1898: 2-4.

Јас како Македонец го сметам тоа како за мој свет долг. Браќа **Македонци** од името на светата **македонска револуција**, приготвувајте се за сеопшто востание. Несреќен **македонски народе**! До кога ќе трпиш? До кога ќе ги гледаш своите свети жртви што ги даваш? До кога ќе ја трпиш таа жална и одвратна положба?... О ти поробен **Македонец**, ти не располагаш со ништо, ти немаш ништо под синото небо... А Врховниот македонски комитет треба ли да ја чека слободата на Македонија од шефовите на разните партии во Бугарија?!... Секој **Македонец** има морален долг од името на светата македонска револуција да се готви за борба...“[1149]

. . . . .

Прва нота (вр. 490)

Во една брошура под наслов ***Македонски поборник*** некојси П. Стојков си дозволил да се служи со навредливи и срамни изрази спрема светата личност на Н.И.В. султанот и да ги поттикнува **Македонците** да се бунтуваат против императорското управување.“

Втора нота (бр. 126)

„Да се осуди авторот на испратената до мене брошура П. Стојков поради тоа што си дозволил да ја навредува светата личност на Н.И.В. султанот и да го поттикнува пограничното население на Империјата кон бунт.“

. . . . .

1898 год. Одговор од Петар Стојков на нотите на турските власти:

„Ваше превасходство, не ми е целта да ја навредувам личноста на султанот ниту, пак, да го радувам, но **јас како огнен Македонец** си земам за мој светол долг да се борам дотогаш додека не си ги извојуваме човечките правди (гарантирани со Берлинскиот договор, а тоа е полна политичка автономија).“[1150]

1898 год. Национално-централна албанско-македонска лига.

„Нашата цел е следнава:


1. добивање независност (и автономија) на Албанија и Македонија;
2. создавање една самостојна конфедеративна држава во која ќе влезат сите народи што се во овие области, без разлика на име, вера, јазик;

[1149] Истото, 2.

[1150] Заштитна реч на Петар Стојков пред софискиот Окружен суд, против „госпдаря на кучешката столица в Царигарадъ“. Софија, 1898.

...успевајќи да ги соедини силите на Албанците и на **Македонците**, Лигата, со оглед на големата борба што наближува, привлече следебеници и поддржувачи од Илдиз Ќошк,[1151] дури до најскромната колиба во Албанија и во Македонија...“[1152]





FRERES MACEDONIENS !
FRERES SKIPETARS !

NOUS apprenons que le Sultan, notre souverain, a décidé de donner à nos deux provinces des réformes, des garanties pour la justice, une administration régulière et loyale, une liberté plus grande pour l'enseignement et les écoles, de nouvelles voies de communications, une police réorganisée et forte afin que vos biens soient protégés contre le brigandage.

Ces réformes sont en réalité bien insuffisantes, comparées à l'idéal que nous nourrissons de voir réalisé. Mais, si nous prenons en considération notre situation actuelle et si nous tenons compte des difficultés contre lesquelles Sa Majesté le Sultan a à lutter, nous devons être contents et savoir gré à notre souverain de ces réformes, si timidées elles-ci sont mises à exécution.

Nous vous donnons ces conseils, par-ce que nous sommes convaincus que nous accomplissons un devoir sacré envers vous et envers la patrie. Par notre attitude loyale et correcte en ce moment-ci, nous aurons des chances de convaincre le Sultan que nous ne sommes que des sujet loyaux, et nous l'encouragerons ainsi à entrer délibérément dans la voie des réformes.

Nous savons qu'il y aura des hommes, soi-disant amis de l'autonomie de nos pays, qui vous encourageront à la révolution. Méfiez-vous de ces faux amis! Ces gens-là ne travaillent pas dans votre intérêt; ils sont envoyés soit par les Bulgares, soit par les Grecs, les Serbes, ou par d'autres. Acceptons donc les réformes et continuons à travailler, en toute loyauté envers notre souverain, à lui démontrer ainsi qu'à tout le monde que nous sommes dignes de confiance et dignes de notre autonomie nationale.

Au lieu d'être libres, vous ne feriez que changer de maître—et peut-être sera-t-il pire.

Regardez les Thessaliens: heureux et riches avant l'annexion, aujourd'hui ils sont plus pauvres et ils meurent de faim. Il en est de même ailleurs.

Tous ces faux frères savent que nous ne voulons pas être annexés; mais ils savent aussi que si le Sultan arrive à exécuter les réformes, ils ne pourraient plus espérer de nous annexer. Plus nous marcherons vers une autonomie qui sera la sauvegarde de nos intérêts à tous, la sauvegarde de l'intégrité de l'Empire, le sauvegarde et la sécurité du Trône du Sultan—plus leurs espérances seront déçues. C'est pourquoi ils paient les bandchis et les brigands pour brûler vos maisons, violer vos femmes, vous exaspérer, et vous pousser par ce terrorisme à faire la révolution. Révolution qui provoquera des massacres, et autres tristesses et qui fournira le prétexte cherché pour une occupation étrangère de nos pays. Est-ce que nous ne connaissons pas les noms de ces Albanais—hays ou autres—ou Macédoniens qui sont reçu de l'argent des Etats étrangers voisins qui convoitent notre pays, pour provoquer des désordres, brûler les maisons, mettre la discorde entre les frères, faire que les Musulmans tuent les Chrétiens et que les Chrétiens tuent les Musulmans?

PEUPLE MACEDONIEN!
PEUPLE SKIPETAR!

Nous n'avons pas besoin de risquer notre existence comme nation. Nous savons qu'en restant dans le sein de l'Empire turc, nous parviendrons à obtenir peu à peu notre *self gouvernement* ou autonomie.

Peuple!

Nous n'avons pas besoin que les Bulgares ou les Serbes ou les Grecs organisent et gouvernent notre pays—nous n'avons pas besoin que les Autrichiens, les Italiens, et les Russes se chargent de le faire. A quoi bon changer de maître?

PEUPLE MACÉDONIEN!
PEUPLE SKIPETAR!

Pour que le Sultan puisse introduire ces réformes, il faut que nos renvoyions à leurs maitres tous ces agents perturbateurs qui tâchent de nous induire en erreur et de vous pousser à la révolte.

Peuple!

Vous savez vous-même que la tactique de ces émissaires étrangers est de brûler nos maisons et de commettre toutes sortes de violences—dans le but de vous compromettre devant les autorités impériales, et en même temps pour provoquer les représailles des autorités turques, et avec tout cela troubler l'ordre et la tranquillité de nos pays et rendre nécessaire une intervention étrangère. Le but d'une telle intervention sera de mettre fin à l'autorité impériale dans nos pays et en même temps d'annihiler toutes les chances de notre existence nationale.

Peuple!

En connaissance du véritable but de toutes ces agitations, la *Ligue nationale* macédonienne et skipetare, a décidé de faire des efforts pour mettre fin à cet état de choses.

L'ordre et la paix étant absolument nécessaires pour la préservation de l'Empire Ottoman, aussi bien que pour notre existence nationale et pour notre développement—nous croyons de notre devoir de dénoncer notre pays des perturbateurs et agitateurs dont nous venons de parler.

La Ligue a, en conséquence, décidé d'envoyer des commandos armés, disciplinés et organisés chargés de cette tâche.

Chaque commando de la Ligue aura un drapeau avec un croissant de l'un côté, et avec une inscription de l'autre, donnant le nombre du commando et le nom de la Ligue.

Chaque chef de commando aura un brassard portant le cachet et les armes de la Ligue, en indiquant son grade et le nombre de son ordre.

Tout ce dont ces commandos auront besoin—aliments, vêtements, munitions, assistance en chevaux et voitures—devra être et sera payé par le commandant en argent comptant.

Tous les commandos sont sous le commandement d'un commandant en chef militaire, qui lui-même est sous les ordres du chef ensemble chargé de la direction des affaires politiques et militaires de la Ligue.

Peuple, Musulmans et Chrétiens!

Ayez confiance en ces troupes, elles vous protégeront contre les violences et le terrorisme des émissaires et des agents étrangers, qui travaillent à la perte de notre existence nationale.

Vivent la nation macédonienne et skipetare!

Vivent les réformes!

Gratitude et longue vie à Sa Majesté le Sultan qui nous les accorde!

Le Comité Executif.

Печатот и прокламацијата на Извршниот комитет на Националната албанско-македонска лига.

[1151] Резиденција на Султанот.

[1152] *Документи за борбата*..., том 1: 341-342; Божилова, Р. *Опита на сътрудичество в национално-освободителните борби на населението в Еврпейска Турция в края на XIX в.: Национално-освободителни движения на Балканите в края на XIX век*. София, 1976, 209-210.

1898 год. Гоце Делчев.[1153] „Познато ви е дека во Македонија се развива систематска агитација за едно внатрешно востание кое зема големи размери, така што ниту едно катче во таа борбена земја нема да не е опфатено од идејата за ослободување од турската тиранија. Токму ропската положба на христијанското население во Македонија јасно определува што треба да се прави, тоа е патот по кој оделе сите потиснати. Нашата цел е да ги исправиме неправедните решенија на Берлинскиот договор по однос на Македонија и затоа нашата борба е свртена кон придобивање полна политичка автономија на оваа земја за сите луѓе што ја населуваат, без оглед на националноста и верската припадност..."[1154]

1898 год. Петар Манџуков, револуционер.[1155]„Кај нас[1156] се настанети повеќе народности и вери. Кај нас има **Македонци**, Грци, Власи, Турци, Евреи, Албанци, па и по некој Ерменец, а за Циганите да не зборуваме. Затоа ние ќе мора да водиме сметка за тој факт и нашата борба да ја усогласиме со интересите на сите тие народности. Тоа можеме да го постигнеме само тогаш кога сите тие народности ќе разберат дека слободата не е во тоа како држи власта во неа. Тогаш и нашите муслимани ќе разберат дека не се слободни во турската држава, како што не се слободни ни **Македонците**... Јас сметам дека **македонскиот народ** во ваквата положба не може да се ослободи за едно востание, кога се знае дека против себе ќе ја има не само Турција туку и Европа, а да не зборуваме за балканските држави. Јас, а и другарите од МТКР,[1157] не сме против востание, како што тоа го мислат луѓето од внатрешноста.[1158] Ние сме за востание, но кога ќе бидеме убедени дека тоа ќе успее, а не само да го изложуваме целиот наш народ на една кланица...

И така македонското прашање ќе може најдобро и наскоро да се реши само ако ние предните **Македонци** се кренеме и постојано предизвикуваме безредија. Впрочем нашиот спас е во револуцијата!..."[1159]

[1153] Писмо на Гоце Делчев до надбискупот Менини. Софија, 3.7.1898.

[1154] A.d. S.C.P.F. Indice della Ponenza di Luglio 1898, Somm.II, 8, f. 4-18.

[1155] Петар Манџуков, македонски револуционер, член на Македонскиот таен револуционерен комитет. Ова писмо го испратил до Константин Кирков, негов истомисленик и член на гемиџиите.

[1156] Се мисли на Македонија.

[1157] Македонскиот таен револуционерен комитет.

[1158] Мисли на Внатрешната македонска револуционерна организација.

[1159] *Документи за борбата*.., цит. дело, 343; ЦДИА, София, ф. 70, оп., АЕ 70 - 74; *Разгледи*, Х/7, 1968, 847-851.

1898 год. Славе Мерџанов, револуционер.[1160] „Ние проповедаме дека **македонскиот народ** треба сам да си ја спечали слободата. А тоа значи на наш **македонски јазик** да ја подготвува борбата без чија било помош, да умее да ја води успешно, среќно да ја заврши и да знае да се постави откако ќе ја ослободи...

Ние сме против шовинистичките и религиозните пропаганди кои го распарчуваат нашиот народ, ние сме против свештенството кое го заблудува народот и му проповеда послушност, за која наградата ќе ја добие на 'оној' свет.

Дали треба да чекаме помош од нашите соседи; ние ги познаваме нивните волчји апетити. Нивните шовинистички аспирации и завојувачките стремежи се толку погубни за нас..."[1161]

1898 год. Весник *Глас македонски*. „**Ние Македонците** треба ли да веруваме во лаги и да чекаме со скрстени раце ослободување на Македонија и од луѓето кои управуваат со Бугарија по милостивата желба на султанот?"[1162]

1898 год. Весник *Глас македонски*. „Ослободителното дело на нашата татковна..., е дело на самите **Македонци**, на македонската интелигенција, каде и да се наоѓа таа."[1163]

1898 год. Македонска работничка (социјалистичка) група.[1164] „Народот кој не знае да се бори за својата слобода, не е достоен за независен живот! Народ кој не се решава да ги окапе со сопствената крв страниците на својата ослободителна историја, а очекува слободата да му се дарува, таков народ самиот се готви за ново ропство... Нека со полна свест за блиска победа на народниот идеал се сплотиме и да ги поразиме нашите мачители кои така жестоко се поигруваат со слободата и со нашиот живот... Нека сите во еден глас извикаме: смрт на тираринот, да живее Македонија! **Македонскиот народ** треба сам да се зафати за својата слобода, со својата крв да ја извојува. Инаку тој не е достоен за неа."[1165]

[1160] Славе Мерџанов, македонски револуционер, член на МТРК. Ова писмо го испратил до Димитар (Димче) Мечев, негов соистомисленик, подоцна член на гемиџиите.

[1161] *Документи за борбата*..., том 1, 343-344; (ЦДИА, София, ф.70, оп. 1, АЕ 92 - 96; *Разгледи*, Х/7, 1968, 851-853).

[1162] Весник *Гласъ Македонски*, 1, 1898; Мокров, Б. *Развојот на македонскиот печат и новинарството*. Скопје, 1980: 73.

[1163] Весник *Гласъ Македонски*, 1. 1898; Миноски, М. *Македонизмот*..., 80.

[1164] Македонска работничка група предводена од Васил Главинов.

[1165] Весник *Политическа свобода*. „Кон народот". София, 28.3.1898, 1.

1898 год. Македонски револуционери - социјалисти[1166] „Врховниот македонски комитет е една официјална институција и орудие на бугарската влада што се служи со него според своите потреби и цели. Што сака нашиот Врховен комитет? Тој сака ослободување на Македонија со туѓа сила и нејзиното присоединување кон Кнежевството Бугарија. Не го сакаме тоа, ние, синовите на Македонија, синовите на поробениот македонски народ, ние, членовите на Македонскиот револуционерен комитет. Ние сакаме ослободувањето на **Македонецот** да биде дело на самиот него, а не да му се подари од кого било и да се стави под негова зависност. Ние ја сакаме Македонија автономна, со полна независна и најширока слобода за **македонскиот народ** за да си нареди тој каква сака управа. Тоа е нашата цел, тоа е нашиот идеал за којшто се бориме, тоа треба да биде идеалот на **Македонецот** - роб, кој се почитува себеси како човек и кој се бори за својата политичка човекова слобода...“[1167]

1898 год. Македонски таен револуционерен комитет (МТРК).[1168] (4 март) „Никој човек кој мисли здраво(разумно) не би му го одрекол право на еден народ да живее самостоен и независен живот. Покрај тоа, никој во денешно време не ја негирал потребата од реформи во Турската Империја... Ние сакаме нешто повеќе, ние го сакаме полното одделување во политички и административен однос на Македонија и Одринскиот Вилает од султановата држава... Да ја сломи власта на тиранинот, да ги скине оковите од нозете на робот, да ги ослободи потиснатите и снимани од векови **Македонци** - ете зошто се организира и ете за каква цел се бори Македонскиот револуционерен комитет. За реализирање на таа цел Комитетот наоѓа само едно средство - револуција, тој ја подготвува. МТРК своите барања ги формулира вака: потполна независност и најширока слобода за **македонскиот народ** за тој да си нареди каква сака управа.“[1169]

(Јули) „Освестете се **Македонци**, стресете се додека не е доцна... покажете пред светот дека и вие сте народ; да се разбере дека сте достојни

[1166] Со свој весник, *Политическа свобода*, со истото мото како и весникот *Револуция*, „Ослободувањето на Македонија е дело на самите Македонци“ преку револуцијата.

[1167] Весник *Политичка свобода*, 3. 8.4.1898, 3; Миноски, М. *Македонизмот*..., 66-67.

[1168] Основан 1898 година од група македонски револуционери терористи, меѓу кои, и Михаил Герџиков (Бугарин од Пловдив кусо време студент на Лозанскиот универзитет, член и војвода на ВМОРО) и Петар Манџуков (од с. Мирковци, Скопско). Комитетот издавал свој орган *Глас* (јули), а потоа *Отм'штение* (ноември, 1898).

[1169] Весник *Политичка свобода*, 2, 6, 7. София, 19.2.1898.

потомци на вашите славни прадедовци; докажете дека и во вашите жили тече ајдучка крв на старите шарски и пиринski херои...“[1170]

1898 год. Таен македонски комитет. „Македонското население, експлоатирано од различни пропаганди, воопшто не е подготвено, сè уште не е исполнето со национално чувство. Во такви услови би било неразумно да се очекува од **Македонците** тие самите да се кренат против Турците... Меѓутоа, условите се такви што востанието мора да се крене напролет годинава. И бидејќи **Македонците**, очигледно, не можат да го направат тоа сами, Тајниот комитет беше принуден да преземе една, всушност, непопуларна мерка; тој склучи договор со Арнаутскиот револуционерен комитет во Букурешт, според кој договор, **Македонците** и Арнаутите се обврзуваат заеднички да кренат востание...“[1171]

1899 год. Петар Стојков. „Политичката слобода се добива преку револуција... јас книгата ја пишувам како **Македонец** и им ја упатувам на своите браќа **Македонци**... кога ќе дојде да се ослободи Македонија од Турците, **македонскиот народ** треба да знае какви закони за него ќе бидат полезни...“[1172]

1899 год. Македонски конгрес во Женева. „Централниот македонски комитет се зфати со тешката задача, да биде заштитник на **македонскиот народ** и со овој Апел до благородните луѓе ги изразува своите оправдани стремежи.

ЦЕНТРАЛНИОТ МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ свикува за следниот 3 март[1175] конгрес во Женева. Овој конгрес има цел да ги изрази јавно оправданите желби на политичките барања на **Македонците**; откако ќе се задоволат тие барања, пак ќе завладее на Балканскиот Полуостров мир и правда...

Женева, 12 јануари 1899 година

За Централниот македонски комитет,

Ѓорѓи Ив. Капчев

Главен уредник на весникот *Macedoine*[1176]

[1170] Весник *Глас*, 1, јули 1898; според Мокров, В. *Развојот на македонскиот печат*. Скопје, 1980, 113-114; Миноски, М. *Македонизмот*..., 68-69.

[1171] *Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859 - 1918)*. Избор, редакција и коментари Александар Трајановски. Скопје, 2004: 143-144.

[1172] Стойковъ, П. *Жълна Македония*. София, 1899: 3-11.

[1175] Во 1899 год.

[1176] *Документи за борбата*..., том 1, 374-377; Public Record Office, London, FO, 78/5061, (Turkey) /Bulgaria/, Diplomatic, From Filiot, Januari - May, 1899.

1899 год. Американски завод на доселеници.

It was decided to collect and present all data by race, and to base the racial classification upon the finer distinctions which are largely a matter of language. The classification finally adopted was that which the United States Bureau of Immigration has used since 1899.[3] This action was a distinct departure from previous special investigations and from the practices of the

[3] This classification was as follows:

AUSTRIA-HUNGARY:
Bohemian (Czech)
Bosnian
Bulgarian
Croatian (Horvat)
Dalmatian
German
Hebrew
Herzegovinian
Italian (North)
Magyar (Hungarian)
Montenegrin
Moravian (Czech)
Polish
Roumanian
Ruthenian (Russniak)
Servian
Slovak
Slovenian (including Kreiner)

BELGIUM:
Dutch
Flemish
French

BULGARIA:
Bulgarian
Macedonian

CANADA:
Canadian
English
French Canadian
Irish
Scotch

CHINA:
Chinese

DENMARK:
Danish

ENGLAND:
English
Hebrew
Irish
Scotch
Welsh

FINLAND:
Finnish

FRANCE:
French
Hebrew

GERMANY:
German
Hebrew
Polish

GREECE:
Greek
Macedonian

INDIA:
East Indian or Hindu

IRELAND:
Irish
Scotch Irish

ITALY:
Italian (North)
Italian (South)

JAPAN:
Japanese

KOREA:
Koreans

MEXICO:
Mexicans

MONTENEGRO:
Montenegrin
Servian

NETHERLANDS (Holland):
Dutch
Flemish

NORWAY:
Norwegian

PORTUGAL (Azores, Cape Verde):
Portuguese

ROUMANIA:
Hebrew
Roumanian

RUSSIA:
Armenian
Finnish
German
Hebrew
Lithuanian
Polish
Russian

SCOTLAND:
Scotch

SERVIA:
Servian

SPAIN:
Spanish

SWEDEN:
Swedish

SWITZERLAND:
French
German
Italian (North)

TURKEY IN ASIA:
Armenian
Greek
Hebrew
Syrian
Turkish

TURKEY IN EUROPE:
Bulgarian
Greek
Hebrew
Macedonian
Montenegrin
Servian
Syrian
Turkish

WALES:
Welsh

WEST INDIES (Cuba, Porto Rico, Hayti, Bahamas):
Cuban
English
Negro
Spanish

Табеларен приказ на користени јазици во 1899 година по држави на Американскиот завод за доселеници во САД, кој објавил извештај до Емигрантската комисија составена од 3 сенатори, 3 члена на Претставничкиот дом и 3 члена избрани од претседателот Рузвелт; во Бугарија се зборувало на бугарски и македонски јазик, во Грција на грчки и македонски јазик, а во Турција на повеќе јазици, меѓу кои, и на македонски јазик.[1177]

[1177] Infomax.mk, Ново мега откритие за македонскиот јазик: „Американски научник во 1899 забележал дека во Бугарија и Грција се говореле два јазика“, 20 мај 2021; Стојкоски, Д. - Jett Lauck, W. „The Economic Investigations of the Inited Sates Immigration Commission“. *The Journal of Political Economy*, T. 18, 7. Jully, 1910: 525-549.

1899 год. Македонски револуционерен комитетски сојуз (МРКС).[1178]

„Отворено писмо до македонските револуционери,

Ослободувањето на Македонците може и треба да биде дело на самите нив, а средствата за постигнување на таа цел револуцијата... зошто револуцијата... Самостојна Македонска Република која ќе живее сама за себе, исклучиво за себеси, за своето внатрешно уредување и развиток.“[1179]

1899 год. Загоркиња, Србија. „Сите слободи, речиси на сите народи, никнале во гора и излегле од гора... Каде се роди буната на Вукаловиќ? Каде се зачна Херцеговско-босанското востание? Каде пламна Бугарското востание? Каде се разви и оживе **Македонското востание**? - И сите буни и востанија никнале во гора, не само кај нас, не само на Балканот, но речиси во целиот свет...“[1180]

1899 год. Иван Иваниќ, Србија.[1181] „Молителот,[1182] иако се школува на наш трошок, има чудни погледи за српските претензии. По своите погледи тој припаѓа кон кругот македонски ’сепартисти“, што во прв ред се ’Македонци‘... Овие свои погледи тој неколкупати отворено ги изрази пред долупотпишниот.“[1183]

1899 год. Макс Шублие.[1184] „**Македонците** не се Бугари, ни Срби, Романци, ниту Грци.“[1185]

[1178] Организација основана од македонски револуционери 1899 година, блиска на македонските социјалисти - револуционери.

[1179] „Отворено писмо до македонските револуционери“. Стара Загора, 1899: 23, 35-38, 50. Публикувано од Д. Вихров (Димо Николов), преиздадено 1902 год. Миноски, М. *Македонизмот*..., 71.

[1180] Загоркиња. Београд, 1899: 62.

[1181] Српскиот вицеконзул во Битола, Иван Иваниќ, бил еден од најизразените големосрпски претставници и автор на книгата *Маќедонија и Маќедонци*, во која авторот ги прикажува Македонците како Срби.

[1182] Српската Влада вложувала големи средства за стипендирање и школување млади Македонци во Србија, преку кои требало да се шири српското национлно сознание. Иваниќ преку овој документ уште еднаш докажува дека учениците од Македонија, не само што немале српско национлно чувство туку, напротив, некои од нив отворено го искажувале своето македонско национално чувство. За овие негови непобитни сознанија ништо не пишува во неговите книги.

[1183] Ристовски, Б. *Портрети и процеси* ... : 71.

[1184] Макс Шублие, француски правник и дипломат кој бил заменик конзул во Франција во Битола. За време на Илинденското востание давал извештаи до француската Влада за случувањата во Македонија.

[1185] *Погледъ върху дѣятелностъта на Българската ексархия 1877 - 1902*. Lepzig, 1902; Choublier, M. *La question d’orient depuis le traité de Berlin*. Paris, 1899: 283.

1899 год. Дионисиј Григорјев, Бугарија. „Сосема спротивен на нивниот правец е правецот на сепартистите. Овој правец е уште нов и млад, но по сè изгледа тој треба да ја има иднината. Несомнен е фактот дека правецов постои во самата Македонија. Владиниот орган *Нов Вѣкъ*... неодамна пишуваше за ’причините за затворањето на Битолската гимназија‘ и ја обвинуваше дел од месната интелигенција за сепаратизам што се појавувал во стремежот да се истиснат од сите места во Егзархијата и од училишните установи родените во Кнежевството Бугарија и да се заменат со **Македонци** ...“[1187]



Напис со географска карта на Македонија од 1899 година
во весникот *Морнинг рекорд* (САД).

[1187] Ристовски, Б. „Улогата и местото на битолчанецот Дијамндија Мишајков во македонската културно-национална историја“. *Научна мисла*. Друштво за наука и уметност. Битола, 1980: 388; Григоръевъ, Д. *Претендентитѣ за Македония.* Варна, 1900: 24.

1900 год. Никола Ив. Ќучуков. „Поминавме низ Брза Паланка, Мајданпек, Пожаревац и потоа тоа стигнавме во еден манастир. За таа цел таму имаше собрано 280 луѓе од разни народности: Црногорци, Хрвати, Бошњаци, Германци, Срби, **Македонци** и 15-16 Бугари...“[1188]

1900 год. Антон Драндар.[1189] „Ако се фрли еден ретроспективен поглед врз историјата на **Македонија,** сè до најдалечните древни времиња, човек станува вчудовиден од големата улога што оваа мала земја, класична земја *par exellence*, ја играла во светот...

Македонецот, роден во земја во која природата ѝ беше толку наклонета, секогаш мечтаеше за херојски подвизи и се стремеше кон големи потфати... Од самиот почеток на историјата ја гледаме Македонија на чело од нациите. Нејзината репутација е универзална, нејзината слава се шири на четирите страни на светот...

Таа ја игра главната улога во преродбата на словенското племе. Така, двајцата браќа издигнати до апостоли, Кирил и Методиј, предмет на сеопшто восхитување на словенскиот свет, се **Македонци**, па поради самото постоење на овие двајца апостоли оваа мала земја станува лулка на словенското племе и на кое му дава своја религија и своја уметност...

Ако **Македонија** сака да биде свој сопствен господар на својата сопствена судбина; ако денес таа сака да се ослободи од неправедниот тиранин што ја угнетува со векови, и ако утре сака да биде подготвена да се бори против сите оние што сакале да ја узурпираат нејзината територија и да воспостават своја доминација, потребно е да започне со тоа што ќе ја употреби својата сила за воспоставување едно нераскинливо национално обединување!...

Жителите на **Македонија** не сакаат да бидат присоединети ни кон Бугарија, ни кон Србија, ни кон Грција; тие сакаат, тие силно сакаат да живеат човечки живот во една автономна земја. Нивната парола е: ***Македонија на Македонците***.“[1190]

[1188] Чючуковъ, Н. Ив. (другар на Хр. Ботев). *Записки 1875 - 1876*. Сливенъ, 1900: 21.

[1189] Антон Драндар од Велес е високо образувана личност. Живеел во Европа и објавил повеќе трудови за состојбата на Македонија и Македонците. Во зависност од условите во кои работел и дејствувал, различно пристапувал кон овие прашања. Во оваа статија Драндар, всушност, настапува со опција во која го внесува политичкиот сепаратизам за означување на македонската национална посебност. Статијата била објавена во Брисел под псевдонимот А. Брутус.

[1190] *Документи за борбата*…, том 1: 377-379 (Brutus, A. *A Propos d'un Mouvment en Macèdoine*. Bruxelles, 1900: 12-13, 15, 56).

1900 год. Војдан Чернодрински.[1191] „Што напишав јас? - Ништо не напишав. Јас го препишав од сѐ уште ненапишаната крвава историја на **Македонија** она што читателот ќе го прочита, а гледачот ќе го види во театарот. Крвожедноста на нашите Турци - бегови, готовноста на **Македонките** да умрат, но верата да не си ја менуваат, а машкоста на **Македонецот** јуначки да им се одмаздува на оние крвници што ја извалкаа неговата семејна чест - ете, главно, во тоа се состои содржината на пиесата.“[1192]



Разгледница од почетокот на XX век со мотив од една од сцените на *Македонската крвава свадба*.[1193]

1900 год. Александар А. Ростковски. „Пред четриесет години бившиот наш овдешен конзул, г. Хитрово,[1195] има издејствувано катагодишен прилог од 300 рубљи за кошишкото училиште „Св. Кирил и Методиј“ во Охрид. Во тие времиња, кога тукушто се започнуваше со преподавањата на славјанската азбука, оваа помош од наша страна беше крајно неопходна. Но сега, кога не само во самиот Охрид туку и по сите села во Македонија постои маса

[1191] Војдан Чернодрински е еден од најзначајните македонски драматурзи.

[1192] *Документи за борбата*…, том 1: 349 („Македонска крвава свадба: Трагедия, в. 5. действия на македонски говор от В. Чернодрински“. *Собрани дела* (приредил Александар Алексиев), том 1. Скопје, 1976: 159-160).

[1193] Георгиевь, И. П. 78573, I-ва сцѣна отъ македонската кървава свадба. Разгледницата била испратена по пошта во 1907 година.

[1195] Михаил Александрович Хитрово, руски конзул во Битола од 1861 - 1864 и 1878 - 1879 год.

училишта, како бугарски така и српски, мене ми се чини дека нашата сесрдија е крајно излишна, дотолку повеќе што Бугарија со посредство на егзархот остава овде грамадни пари, па нашата помош се јавува небаре како капка в море во материјален однос, а им служи на Бугарите како знаме, зад коешто тие се прикриваат за да им докажат на **Македонците** дека ние ги покровителствуваме нив, а не Србите. Овдешните српски конзули веќе не еднаш ми се имаат пожалено..."[1196]

1900 год. Николај Николаевич Дурново, Русија. „Николај Дурново спаѓал меѓу оние руски научници кои гледале со недоверба на руските, бугарските, француските, англиските и други етнографи на Македонија. Сметал дека неговото... мнение, засновано на научни трудови, е еднакво со мнението на г. Драганов, дека **македонските Словени не се ни Бугари ни Срби** и дека Бугарите немаат никакви историски права на Македонија."[1197]

1900 год. Петар Драганов, Русија. „Друго е прашањето дали ние Русите треба да се радуваме или да жалиме во врска со тоа што **во Македонија тамошното староседелско население 'Славјанци', што инаку се наречува со старинското име 'Македонци' (за разлика од класичните 'Македонијани') го издигна својот глас.** Според нашето лично мислење, би било просто праведност да се поддржи барем морално ова многубројно племе што зборува на посебно наречје и си има своја стара историја (од V до XV век), не помалку интересна од историјата на Бугарите и на Србите. **Македонците** се исто така христијани, притоа православни, како што се Србите и Бугарите. Овие **Македонци (Словјанци**) според општиот одзив на лицата што ги познаваат во ништо не се полоши во умствен и во морален поглед од сите Срби и Бугари, во некои погледи тие се дури и повисоко од последниве... За Русија и Русите треба да бидат важни мислењата за Македонија, не на оние Македонци што откинувајќи се од својата сопствена народност одамна наживо им се продале или на Србите или на Бугарите..., ами само на оние **Словеномакедонци** што ги поставуваат интересите на својата навистина прогонувана народност повисоко од сè, зашто таа се прогонува не само од Турците (од една страна) и од Австро-Унгарија (од друга страна) туку, главно, од браќата Бугари и Срби (особено доблесно во почетокот на 70-те години Кузман Шапкарев го

[1196] Истото, 291-292.

[1197] Панов, Б. „Николај Н. Дурново за македонското прашање". *Историја*, 2. Скопје, 1968: 77-89 (*Славянский вѣкъ*, 7 и 8. Вѣна, 1900: 6).

заштитуваше македонското наречје од асимилација од бугарштината)... Меѓутоа, ова наречје, повеќе од кое и да е друго од дузината постојни словенски наречја - јазици, може со поголема или помала претензија да ги слее благородните потомци на некогаш знаменитиот Кирилометодиев јазик. Ние би можеле да наведеме долга редица сведоштва од високоавторитетни научници и, пред сè, од родените **Македонци** од доброто старо време, како документарни докази за тоа дека македонско-словенското наречје е повеќе или помалку самостојно и автономно во однос на бугарскиот и српскиот 'јазик'. Овие сведоштва се однесуваат кон две категории и ги докажуваат следниве две поставки: 1) т.н. македонско 'наречје' си има свои сопствени особености и во акцентот, и во звуковите, и во формите (во падежните и во глаголските промени), и во синтаксата, и особено во речникот; 2) месните македонословенски учители од доброто старо време, уште на наша памет, дури до крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите години, т.е. спроти Големата ослободувачка војна од 1877 - 1878 год., си печатеа свои училишни учебници на месното наречје и во своите уводници кон овие учебници и раководства громко изјавуваа дека македонословенското население откако си ја извојува црковнословенската литургија и на грчкото управувачко свештенство, нема ни најмала желба да се откажува од интересите на својата народност, т.е. да се побугарува и да се посрбува, наречувајќи ги притоа Бугарите со омаложувачкото име 'Шопи' (на пр. знаменитиот 'Предговор' на сè уште живиот К. Шапкарев кон преводот на Евангелието на македонското наречје)."[1198]

[1198] Ристовски, Б. *Македонистот Петар Драганов 1857 - 1928*: 163-165, 167, 170-171; Ристовски, Б. „Македонската национална свест од лозарството до другарството". *Ослободителните борби на Македонија од Источната криза до Балканските војни*. БАН. София, 2016: 33-34 (В. *С. - Петербургскія Вѣдомости*, 24.7/6.8.1900).



Петар Драганов

1900 год. Александар А. Ростковски, Русија. „Карактерот на бугарската пропаганда во Македонија последниве години значително се измени. Порано оваа пропаганда се искажуваше низ стремежот да создаде национално училиште за **македонските Славјани** и за воведување богослужба на црковнославјански јазик со цел да не им биде дадена можност на Грците да ја елинизираат Македонија...

Гледајќи дека културната пропаганда била отсекогаш бесилна да им ја зацврсне исклучителната превласт во Македонија, Бугарите ја променија тактиката, па го покренаа во преден план прашањето за ослободување на Македонија од под турското иго.“[1199]

1901 год. Александар В. Амфитеатров, Русија.[1200]„Да ја создаваат Македонија за Македонија немаат ни најмала желба ни Бугарите ни Србите. **Ентузијасти за автономна Македонија се среќаваат само меѓу македонските домородци**. Ни на Србинот ни на Бугаринот автономијата на Македонија не

[1199] Дракул, С. *Македонија меѓу*..., том 1: 290.

[1200] Александар Валентинович Амфитеатров (1862 - 1923) е руски либерален публицист. Како дописник на еден руски весник неколкупати ја посетил Македонија. Впечатоците од тие патувања ги изложил во книгата *Земја на раздорот* (*Страна раздора*, 1903).

им се допаѓа. Што се однесува до тоа - дали Македонија ќе стане бугарска или српска - кој и да е Бугарин ќе рече со полна искреност:

'Подобро вечно таму да владеат Турците отколку да им се даде на Србите и да се пуштат кон Егејското Море!'

А Србинот:

'Подобро Турците да прават таму што сакаат - само вашите проклети братушки да не ја остварат Велика Бугарија од море до море!'

Во Македонија не е решено прашањето на народноста и тешко кога и да е ќе биде задоволително решено. Ако им се верува на Гопчевиќ[1201] и Јастребов,[1202] во неа речиси нема Бугари, сите се Срби. Ако им се верува на Офејков[1203] и Миљуков,[1204] воопшто нема Срби, сите се Бугари. Поверојатно од сè е дека имаме работа со **совршено самостојна гранка на словенството**, преодна меѓу бугарството и српството. Но само по себе таа гранка е недоволно значајна за да си извојува слобода и да се претвори во државна единица...

Мене ме сметаат за бугарофил - ми говореше И. А. Зиновјев[1205] - но тоа воопшто не е така. Јас се однесувам совршено еднакво кон сите Словени и доколку луѓето се пристојни и симпатични, мене ми е безразлично дали е тоа **Бугарин**, **Србин** ли е, **Македонец** ли е? Но јас сум руски претставник и пратен овде да ги чувам, пред сè, руските интереси. Со руските интереси неразделно е поврзано вечното покровителство на балканското словенство. Природен старател над нив. Но покровителство не значи одење на Русија по словенските главатари, старателството не е слабокарактерно попуштање.

Меѓутоа, што се однесува до македонското прашање, Бугарите како најразгалени наши деца во сиот словенски свет сакаат токму да ја поведат Русија по себе таму каде што самите тие тргнале слепо, затворајќи ги очите бараат старателството да се претвори во попуштање. Дејствата на македонските комитети, долго време под покровителство или трпение од бугарската Влада, имаа директна сметка.

[1201] Спиридон Гопчевиќ, публицист: автор на трудовите „Стара Србија и Македонија" (1890); „Истина о Македонији" (1890) и др.

[1202] И. С. Јастребов, руски дипломат, историчар и етнограф; автор на трудот „Обичаи и песни Турецких Сербов" (1886) и др.

[1203] Офејков, алиас (А. Шопов), бугарски политичар и публицист.

[1204] П. Миљуков, руски историчар и етнограф, автор на трудот, „Европейская дипломатия и Македонскиій въпрос". (1899) и др.

[1205] И. А. Зиновјев, руски амбасадор во Цариград (1898 - 1909).

Ние ќе ги принудиме Турците да излезат од таа воздржаност што ја зедоа тие врз себе и со мака ја носат; со низа мали експлозии, убиства, уценувања ние ќе ја разбудиме фанатичката возбуденост на муслиманите, султанот ќе биде приморан да отстапи пред своите поданици - едноверци, и во Македонија ќе почнат турски зверства, ќе потече крв, ќе горат селата. За достигнување на великата цел не е важно дали ќе загинат 50 луѓе или пет илјади - главно е: треба да се предизвика колење, кое по себе ќе предизвика неопходност од европско, а бидејќи заштитата на Словените е вековно дело на Русија, и таа нема да ѝ го препушти македонското прашање на Австрија - следствено, *volens-nolens*, Русија ќе треба одново да прати стотици илјади свои војници на Балканскиот Полуостров и на нивните бајонети да добие слобода за Македонија, т.е. да им ја стават земјата в уста на Бугарите.

Затоа што тие не признаваат во Македонија друга националност освен бугарската. Следствено, идната слобода на Македонија за нив е - или исполнување на Санстефанскиот договор и обединување на Македонија со Бугарското Кнежевството или создавање автономно бугарско тело кое, сепак, порано или подоцна ќе се слее со првото во целокупна Бугарија.“[1206]

1901 год. Николај Дурново, Русија.[1207] „Подобро би било ако г. К’нчов ги нарекол **македонските Словени** не Бугари, а **Словено-Македонци**, бидејќи Бугарите не ги пословениле **македонските Словени,** туку, напротив, **Словените** ги пословениле Бугарите.“[1208]

1901 год. П. А. Ритих, Русија. Ритих заедно со малата придружба го посетиле Лешочкиот манастир. Таму, меѓу другото, се интересирале за неодамнешното убиство на игуменот Езекил: „Смртта на овој игумен фрла наголемо срамна дамка врз месните водачи на Бугарите и нивните повисоки раководители од македонскиот комитет. Работата се одиграла вака. На чело од манастирот мошне долго време се наоѓал отец Езекил, тукашен човек, во висок степен чесен и набожен, кој стоел настрана од агитацијата, како српска така и бугарска. **Тој се сметал за чистокрвен Македонец и не се признавал ни како Бугарин ни како Србин.** Целото негово семејство било полно со такви,


[1206] *Документи за борбата*..., том 1: 379-381; Станоевски, Ц. *Како ја видоа Македонија*. Скопје, 1978: 189-190, 193-194.

[1207] Николај Дурново објавил рецензија во која жестоко ја нападнал книгата на Васил К’нчов *Етнографија на Македонија*.

[1208] Панов, Б. „Николај Н. Дурново за македонското прашање“. *Историја*, 2. Скопје, 1968: 77-89 (*Славянский вѣкъ*. Вѣна 25. 1.9.1901: 17-18).

како и тој, селани, кои на своето национално потекло гледале со очите на својот игумен. Во средината на 90-тите години бугарско-српската агитација го достигнала својот врв, па Бугарите решиле да ги употребат сите усилби и сите средства за побугарување на Тетовската Кааза. Првата цел, се разбира, бил Лешочкиот манастир, и тука дошле бугарските агитатори за да го убедат отец Езекил да се признае себеси и верниците за Бугари.

Ни совети, ни поголеми парични понуди, ни застрашувања не помогнале. Отец Езекил останувал неумолив, се откажал од какви и да е преговори и гласно ги разобличил агитаторите. Откако го потрошиле сето свое красноречие, агитаторите се оддалечиле со клетви и му порачале на еден од своите членови да сврши со Езекил. Последниов потоа бил sверски убиен, а Бугарите за да го отстранат од себе сомнението, го погребале со свеченост и му поставиле великолепен гроб со соодветен бугарски натпис... Оваа верзија јас ја слушнав од мошне голем број Турци, Руси, Срби во Тетово и Скопје. Сите раскази малку се разликуваат еден од друг, а овој што го раскажаав е составен според кажувањата на Турчинот Халил-ефенди (драгоман) на кајмакамот...“



П. А. РИТТИХЪ.

По Балканамъ.

Путевыя впечатлѣнія
военнаго туриста.

Часть I.
По Сербіи и Болгаріи въ Ноябрѣ 1908 г.

Часть II.
По Македоніи лѣтомъ 1901 г.

И.21-
Ю.Ш.

С.-ПЕТЕРБУРГЪ.
Типографія В. О. Киршбаума (отдѣленіе) Новоисаакіевская, д. 20.
1909.


Библиотека Географического Общества Союза ССР

были селяки, изъ нихъ большинство были мѣстные уроженцы. Одинъ изъ таковыхъ, монахъ Мортирій, побывалъ у насъ въ Россіи, жилъ въ Одессѣ и въ другихъ южныхъ городахъ, научился говорить по-русски, но съ другой стороны заполучилъ у насъ чахотку и пріѣхалъ въ монастырь доживать свой вѣкъ. Этотъ монахъ оказался развитѣе и интеллигентнѣе другихъ, и потому невольно мы и всѣ сербы набросились на него и стали наперерывъ разспрашивать его по разнымъ вопросамъ. Въ особенности сербы приставали къ нему съ вопросомъ о трагической смерти предшествующаго игумена отца Іезекіила. Смерть этого игумена бросаетъ въ высшей степени позорное пятно на мѣстныхъ вожаковъ болгаръ и ихъ высшихъ руководителей изъ македонскаго комитета. Дѣло обстояло слѣдующимъ образомъ. Во главѣ монастыря стоялъ очень продолжительное время отецъ Іезекіилъ, мѣстный уроженецъ, человѣкъ въ высшей степени честный и набожный, который стоялъ въ сторонѣ отъ агитаціи, какъ сербской, такъ и болгарской. Онъ считалъ себя чистокровнымъ македонцемъ и не признавалъ себя ни за болгарина, ни за серба. Вся его обитель была полна такими же, какъ и онъ, селяками, смотрѣвшими на свое національное происхожденіе глазами своего игумена. Въ серединѣ 90-хъ годовъ болгарско-сербская агитація достигла своего апогея, и болгары рѣшили употребить всѣ усилія и всѣ средства для оболгаренія тетовской каазы. Первою цѣлью былъ, конечно, Лешокскій монастырь, и туда прибыли болгарскіе агита-

Првата и 178. страница од книгата на Петер Ритих, во која го опишува сведоштовото на игуменот на Лешочкиот манастир, хаџи Езекил, кој се изјаснувал за „чистокрвен Македонец“.[1209]

[1209] Ритихъ, П. А. *По Балканам*ъ. С. Петрбургъ.

1901 год. Весник *Ел паис,* Шпанија. „Денес храбрите **Македонци,** прогонувани од Грчкото Кралство, креваат и се борат против своите угнетувачи. Грција се здружи со Абдул Хамид, сè уште извалкан од крвта на своите деца, за да му предаде со врзани раце и нозе ’убијци од **Македонскиот револуционерен комитет**‘...



EL PAIS

PRECIOS DE SUSCRIPCION

AÑO XV.—Núm. 4.987 DIARIO REPUBLICANO Miércoles 27 Marzo 1901

«Hoy que los valientes macedonios engañados por la monarquía holénica se revuelven y luchan contra sus opresores, Grecia estrecha la mano de Abdul Hamid, aún manchada con la sangre de sus hijos, para entregarle atados de pies y manos, *á los asesinos del comité revolucionario macedonio.*

»Griegos, amigos míos, el rey ha pactado con el sultán turco; vosotros fraternizáis con los bravos rebeldes macedonios. Sabed que los que mueren combatiendo al turco, combaten y mueren por la civilización, por la humanidad, por la libertad.

»La sangre que vertais al lado de los macedonios lavará para siempre la mancha infame que vuestro rey ha lanzado sobre vosotros, sobre vuestro país, sobre vuestra historia, sobre la gloria de vuestros abuelos.

»Debéis probar al mundo que no sois unos degenerados, que sois dignos de vuestros antepasados. O continuar en la servil y criminal obediencia, ó rebelarse.

»Lo primero, implica vuestra muerte civil; lo segundo, la rehabilitación completa, y quizás la libertad.

El Pais, Num. 4987, Madrid, 27 Marso, 1901;
MACEDONIA: a True Endless Story… 19 март 2020.

Грци, пријатели мои, кралот направи пакт со турскиот султан; вие збратимете се до храбрите **македонски бунтовници**. Знаете дека тие што умираат борејќи се против Турците, се борат и умираат за цивилизацијата за човештвото, за слободата. Крвта што ќе ја пролеете борејќи се на страната од **Македонците**...“[1210]

1901 год. Никола Петров Русински, војвода. „Јас им реков[1211] дека сите апостоли испратени од Србија, Бугарија, Грција и до друго место ги сметам за туѓи агенти. **Ние сме Македонци**. Можеби некој од нас ги симпатизира Србите, Бугарите итн. Но тоа нас не нè задолжува да им ги предаваме нашите народни интереси на оние кои ги симпатизираме. Јас, на пр., **сум бугарски воспитаник**, мајка ми којашто ме родила, доила, пеела, плачела, ми зборувала на истиот јазик на кој зборувам и сега, тој е бугарски, но јас работам за слободата на

[1210] *El Pais*, Num. 4987. Madrid, 27 Marso, 1901.

[1211] Русински ова им го зборувал на кичевските војводи Наке Јанев и Ванчо Србаков.

Македонија, која робува со векови. Јас ја сакам нејзината самостојност и неделивост меѓу балканските државички кои спорат за неа... Но, и покрај сè, според мене, **Македонија не е ниту српска, ниту грчка, ниту бугарска, ниту турска.**“[1212]

1901 год. Никола П. Русински, војовода. „Ние сме синови на една и ропска Македонија. Нас нè прврзува една судбина, една цел, една мисла и една желба го осветлува нашиот пат во борбата за слобода. Ние се разликуваме само по знаење и по идејни разбирања, ние исполнуваме еден долг - долгот кон нашата татковина за која даваме клетва дека ќе дадеме сè што ни е мило и драго; нашиот живот за нејзиното ослободување од политичкото, економското, духовното и од секакви други ропства во кои е окована. Ние не сме првите и нема да бидеме последните во борбата за постигнување на крајната цел на посакуваната од нас **слободна и независна Македонија**.“[1213]

1901 год. Никола П. Русински, војовода. „Гоце Делчев беше божествено олицетворение на учесниците во ВМРО. Него природата го беше создала само за водач на едно револуционерно движење како што беше **македонското** во неговото време. Нашиот велик апостол Гоце рече: *Слободата на Македонија ќе изгрее од самостојната борба на **Македонците***.“[1214]

1901 год. Свештеникот од башиноселската црква Св. Никола. „Рано идната изутрина се упативме со пајтон кон Башино Село, што се наоѓа на три врсти северно од Велес. Србите посебно настојуваа на ова патување, бидејќи таму ќе најдеме, според нив, јасни етнографски траги на Србите.

Такви јасни траги на србизмот имаше не многу, но затоа, пак, во Башино Село ние имавме куриозитетен разговор со бугарскиот свештеник на црквата Св. Никола...

На крајот, искористувајќи момент кога свештеникот не беше зафатен, ние го седнавме до нас и почнавме да го распрашуваме за месните интереси и за раправијата меѓу Србите и Бугарите.

Свештеникот сето време препрашуваше и одговараше еднослоно... Најљубопитен и многу значаен одговор беше дека тој е - ***чист Македонец,***

[1212] *Никола Петров Русински: Спомени*. Предговор, редакција и коментар Даринка Пачемска-Петреска, Војо Кушевски. Скопје, 1997: 169-170.

[1213] Истото: 161-165.

[1214] *Никола Петров Русински: Спомени*, ИНИ. Од сл. IV319/II, 143: 319/II, 12; 319/V, 120; Миноски, М. *Македонизмот*..., 101.

***домородец од Башино Село, и не знае да говори ни бугарски ни српски, туку само македонски...*"**[1215]

1901 год. Гоце Делчев, војвода. „Тоа не може, тоа никогаш нема да биде!... Да ја чуваме девственоста на ослободителното движење на Организацијата - тоа е првиот услов за нашиот успех! Еднаш земени пари од Владата, при денешните политички услови и атмосфера, значи даден ангажман, значи обврзување... Бугарската Влада, која има чисто завојувачки намери кон Македонија, штом ќе почне да дава пари, ќе знае како да ја искористи со таа помош создадената состојба внатре; таа нема да се задоволи со чисто платонски чувства, туку ќе сака реални обврзувања? Потврдувам, ударот ќе биде страшен!"[1216]

1901 год. Војвода Јордан Пиперката: „Наке Јанев, кичевскиот војвода, враќајќи се од Србија во родниот крај, заедно со Стеван Ќеле, биле пресретнати од четата на војводата Јордан Пиперката. Тогаш војводата, меѓу другото, им рекол: ***Организирајте ги селата и заколнете се дека ќе се бориме за народот, слободата и Македонија да биде засебна***."[1217]

1901 год. Њујорк тајмс. „Една порака од Константинопол наведува масовни стрелања на **Македонци**, вклучувајќи и жени. Дваесет и четири лица биле погубени во Монастир (Битола), четиринаесет во Берија (Бер), осумнаесет во Иатинг (непознато), осумнаесет во Серес (Сер) и дваесет и девет во Ускуб (Скопје).[1218]

1902 год. Петиција од 91 Македонец во Белград до рускиот император: „...заради тоа ја молиме нашата МАЈКА (Русија), покровителка и заштитница на **македонски славјански** народ, за закрила..."[1219]

1902 год. Македонски клуб - Белград. „Со создавањето автономна Македонија, со оглед на неутрална балканска федерација од Србија, Бугарија,

---

[1215] Станоевски, Ц. *Како* ... : 97-98, 114.

[1216] Ризовъ, Р. *Страници* ... : 6-7.

[1217] Routier, G. *La question macédonienne - on doit au people la vérité*. Paris, 1904; Матковски, А. *Македонија во делата на странските патописци*. Ѓурѓа. Скопје, 65.

[1218] *Македонија во странскиот печат*..., 456-457 (*Њујорк тајмс*. „Масовни погубувања во Македонија", 12 мај 1901).

[1219] Дракул, С. *Македонија меѓу*..., том 1: 392-393.

Црна Гора и Македонија, не ќе има причини за страв дека **Македонците** ќе кревале револуции.[1221]


Нашиот весник војува единствено за ослободување на Македонија и ги штити интересите на **Македонците** каде и да се, што тие и самите го прифатија и го помагаат.“[1222]

1902 год. Протокол на II заседание на Македонското научно литературно друштво. „...**границите на Македонија**, и за такви се определија следниве: на север - границите на Српското Кралство, Шар Планина; на запад - р. Дрим, Пинд Планина, Грамос; на југ - р. Бистрица, потоа Белото Море, а на исток - р. Места... Собранието го реши и следново: *Секој еден од членовите, којшто сака да напише неколку карактеристични македонски зборови и да му ги предаде на секретарот, кој од своја страна ќе ги запишува во посебна тетратка, разделена на четири графи: **македонска**, бугарска, српска и руска*...“ [1223]

[1221] *Балкански гласник*, Београд, 18.8.1902.

[1222] Истото, 25.8.1902.

[1223] Ристовски, Б. „Димитрија Чуповски (1878 - 1940) и Македонското научно-литературно другарство во Петроград“. *Прилози кон проучувањето на македонско-руските врски и развитокот на македонската национална свест*. Скопје, 1978: 202.



СА МАКЕДОНСКОГ КОНГРЕСА

(Телеграм «Гласу Српству»)

Софија 30. Јула 1902. г.

28. о. м. отворен је македонски конгрес у сали „Славјанске Беседе". Конгрес је отворио председник долешње по поднимак Јакимовић, а седницама председава и руководи конгресом г. Никола Павлов адвокат (који је свршио у Србији).

Ово је Х-ти македонски конгрес, али је од свију досадашњих најзнатнији. На њега Бугарске са Источном Румелијом изабрато је свега 74. делегата. Ба ово редовних чланова, већ је по једна делегат. Сваки је друштва послало по једног делегата и је свега 62. Ба 19 делегата још није конгрес решио да ли пустите на седнице јер они су представници Српкова, које досад приказали врховни комитет под председништвом Стојана Михајловског и Поповића.

Конгрес држи своје седнице при затворених прозора. Улаз у дворане забрањен је свима без изузетка сем појединих чланова делегата. Ни сами чланови конгреса немогу присуствовати седницама већ нису уредно и наведени делегати. За сада присутује седницама 59 делегата. Они су подељени у две групе: Представника Српкова има 23 г. Цинчеви, и Михајловског 31. Српкова је изабрати делегат из Пиротске, а један од најзнатнијих чланова је у Српкованском комитету Косанчић, делегат је из Трнова.

Данашњи комитет коме су вође Михајловски и Цинчар подељени своју у хиљадама у хиљадама политички, је влада их подржава. Српкова и Косанчић-врата хвала да ће они одвојити се са својим пријатељима и основати засебан комитет. Српковци, пријатељу прави бившбугари. Они су комплирали опозиција данашњој бугарској влади, која њено никада дозволила да под њеном ослобођења Македонија, убијају мирни бугарски грађани него пре. Српкови и његове пријатеље тактику, да бугарска влада подржава рашо устанак у Македонији.

Говорио сам лично са Српковим упућитељ преко 30. делегата конгреса, већином њихових пријатеља, и после дугог објашњења и препирке — јасно сам до уверења, да ни он ни његов пријатеље немају за ослобођење Македоније радикалног циља. Они хоће само оно што сам Српков рекао им је јашно пред 30 делегата онако: да Македонија само само Македонци, нашто ни Срби ни Бугари. Сампа... ...ко нас ослободи хвала му! ...али нека знају и Срби и Бугари да је Македонија само за Македонце". Кад сам на ово одговорио г. Српкову да Македонија није никада била засебна држава, а тешко да ће када и бити. Македонска народност непостоји. Он је на то рекао: али постоји македонски језик, који није ни српски ни бугарски. Нама је македонцима потребно да се најпре ослободимо а послеће... ...видети да ли, и коме припадамо. Нама је све једно, ма ко нас ослободио; ми би највољели да заједничка војска окупира Македонију". На моју примедбу па чија заједничка, да ли српска и бугарска? Вели не, ја мислим Европска: Руска, Француска, Енглеска и Немачка, а да буде слободан излаз на Бело Море преко Солуна Србима и Бугарима. Ми ћемо у Солуну установити ћумрук за све државе подједнако Срби и Бугари на првом месту и у првом реду треба да раде да нас македонце ослободе и да Македонија добије своју автономију. Македонија је богата земља, затим имаће велике приходе од ћумрука и ми ћемо и Србима и Бугарима — што буду потрошили за наше ослобођење вратити

Ово су речи г. Бориса Сарафова

Чудновато је, да г. Сарафов и његове присталице проповедају оно што жели Аустрија. Познато је добро да она агитује сиим срествима да ство... ...ри нову „македонску народност." Њен је конзул у Битољу, са неким бугарским учитељем написао и граматик... ...„македонског језика."

Весникот *Глас српства* информира за Македонскиот конгрес кој се одржал во Софија и изјавата на Борис Сарафов за посебноста на македонскиот народ.



Борис Сарафов

1902 год. Борис Сарафов. Дописникот од Софија на весникот *Глас српства* имал разговор со Борис Сарафов за македонското национално прашање и во неговиот опширен напис, меѓу другото, стои: „Самиот Сарафов пред 30 делегати ми го рече ова: 'Ние **Македонците** сме само **Македонци,** не сме ниту Срби ниту Бугари. Ги симпатизираме и едните и другите; кој нас ќе нè ослободи му благодариме, но нека знаат и Србите и Бугарите дека **Македонија е само за Македонците**'. Кога на ова на Сарафов му одговорив дека Македонија никогаш не била посебна држава, а тешко дека некогаш и ќе биде; македонската народност не постои. Тој на тоа рече: 'Но **постои македонски јазик**, кој не е ниту српски ниту бугарски. На нас **Македониците** ни е потребно најпрво да се ослободиме, а потоа ќе видиме дали и кому ќе припаѓаме. Нам ни е сеедно кој и да нè ослободи; ние најмногу би сакале да нè окупира здружена војска'. На мојата забелешка на чија здружена војска, дали српска и бугарска? Вели не, јас мислам на европска: руска, француска, англиска и германска, а да биде слободен излезот на Белото Море преку Солун..."[1224]

[1224] Весник *Глас Српства*. Београд, 31.7.1902.

1902 год. Весник *Свет*, Србија. „Несомнено, сегашното **македонско движење** е широко и има поорганизиран карактер од претходните, зашто порано во Македонија дејствуваа само две партии: српската и бугарската; сега, пак, се појави нова - **македонска партија,** извонредно активна и подвижна.“[1225]

1902 год. Боди Димитрије, Србија.[1226] (20 август) „Во последно време **во градот Костур** се појави некакво интелектуално движење кај месните учители со кое се инсистира да се отфрлат грчката и бугарската пропаганда, а **во училиштата да се воведе македонскиот дијалект** како наставен јазик.[1227]

(26 август) „Дознав од свои луѓе дека тамошната општина на својата седница од 22 август о.г. донела решение во новата учебна 1892/1893 година **наставата да се држи на македонски дијалект**. Доколку наставата во градското училиште се покаже успешна, тогаш на полугодието да се прошири и во соседните села: Маврово, Личишта, Тихолишта и Шестово. Една комисија од тројца учители е задолжена да ја почне работата, и таа веќе заседава во Економскиот интернет.“[1228]

(1 септември) „Комисијата за создавање македонски литертурен јазик на којшто би се предавало во градското училиште во Костур веќе располага од порано со доста обемен **материјал за создавање македонска граматика и македонски речник.“**[1229]

1902 год. Инструкција од српската Влада до српските дипломати, Србија. „Истакнувајќи ја автономијата на Македонија како еден модус за праведно решавање на македонското прашање, Бугарите сакаат да ги изиграат Македонците на кои им се претставуваат како застапници за нивната сакана идеја, а нас Србите сакаат да нè излажат на заеднички чекор во корист на автономна Македонија... Оваа неискреност ја констатираа и интелегентните Македонци, кои поради тоа заседоа резервиран став по ова прашање. За да можеме од оваа ситуација да извлечеме некаква корист, би било многу корисно да се направи познанство со угледни претставници на оваа фракција, пред кои, во пријателски разговори, би сте го образложиле решавањето на македонското прашање според циркуларот бр. 1109/1902 год.“[1230]

[1225] Ристовски, Б. *Портрети и процеси*, II, 208.

[1226] Српски конзул во Битола.

[1227] Ристовски, Б. *Историја на македонската нација*. Скопје, 1999: 173.

[1228] Истото, 173-174.

[1229] Истото, 174.

[1230] Архив Србије. МИД, Посланство Софија, ф. IV, пов. бр. 105, 3.5.1902.

1902 год. Стојан Новаковиќ, Србија.[1231] **„Македонскиот сепаратизам**... се стреми кон **посебно политичко и културно организирање на Македонија,** независно од културниот и политичкиот центар и во Софија и во Белград. Во случај Македонија да добие некакви автономни права, тие мислат дека со нив треба да се оди до **отцепување на Црквата од Бугарската егзархија** во Цариград и организирање посебна црковна управа под заштита на Цариградската црква... и **подигнување на македонскиот дијалект во државна и литературна употреба**, со фонетски правопис за да се избегне употребата на бугарскиот јазик. Врз тие три основи: **врз посебна Црква, врз посебен јазик и врз посебна автономна организација**, под заштита на султанот и патријархот, би се засновала идната **автономна организација на Македонија**. За да се подготви ова, се врши агитација во таа смисла меѓу **Македонците**.*"*[1232]

1902 год. Весник *Маќедонија*, Србија. „Токму во времето кога на 'Н(ова) Сл(ободна) Преса' ѝ е пишано од Белград дека покрај другите заинтересирани влади, и српската Влада барала реформи во Стара Србија, дека токму во тој ден во Белград, во редакцијата на *Балкански гласник* тајно бил подготвен еден меморандум од името на **Македонците**, иако овие тоа не го знаеја за да им се испрти на силите - потписнички на Берлинскиот договор, во којшто се тврдело дека Македонија е посебна земја, која ни етнографски ниту ни географски не ѝ припаѓа на Србија, и дека **Македонците не се ни од српска ни од бугарска народност**, па според тоа и **Македонците** што живеат во Србија, во согласност со оние што живеат во Бугарија, бараат автономија на Македонија. Според едни, испраќањето на овој меморандум е спречено, а други мислат дека меморандумот е испртен и дека наскоро Акимов ќе отпатува за и усно да ѝ го протолкува меморндумот на една држава...*"*[1233]

1902 год. Весник *Србин,* Србија. Весникот ги следел активностите на македонскиот национален деец Стефан Јакимов Дедов: „...редовно оди во посета кај одделни млекари, фурнаџии, меанџии и други Срби од Турција. Разговорот кај сите наведени Ст. Јакимов го води исклучиво околу темата: чија е Македонија и како Македонија треба да им остане на **Македонците**, а

[1231] Извештај на Стојан Новаковиќ, српски амбасадот во Цариград за „македонските сепаратисти".

[1232] *Документи за борбата*..., том 1: 382 (Дипломатски архив, Политичко одељење ф. II. П. бр. 193, 22.9.1902).

[1233] Ристовски, Б. „Улогата ... : 389- 390; *Реформе у Старој Србији, Маћедонија*, V, 38. Београд, 22.9.1902: 1.

никако да се присоедини кон Србија... Зборувал дека **Македонците не се Срби**, туку **Словени**... Во целиот негов живот, во зборувањето и во пишувањето, никогаш не го употребува зборот Србин. Кога зборува за Македонија и **Македонците** го употребува зборот Словени... Зарем од горенаведеното не е јасно дека Јакимов дошол во Србија како агент на бугаризмот?..."[1234]

1902 год. Стефан Јакимов Дедов. Македонски национален деец: „Ако има народ што се наоѓа во најнесреќна положба на Земјината топка, тоа е **македонскиот народ**. Историјата не памети за друг таков пример кога еден ист народ по традиција, јазикот и верата се разделува на разни спротивни правци, еден од друг потуѓи, а кога ќе се додаде кон ова личната и имотната несигурност, гнилата турска управа, којашто од своја страна ја помага делбата и порокот на народот, можете да си замислите каква мрачна слика претставува онаа **Македонија**, чиишто разни претенденти во неа ја гледаат својата моќ и величина...

Сите **Македонци** ќе ги благословуваат своите денешни благодети - ако го променат начинот на својата работа, или ќе ги проколкнуваат - ако бидат причина за продолжување на денешната состојба, или клевети порано или подоцна ќе ги унесреќат нив како што клетвите на нашите родители нѐ унесреќија нас, па немили и недраги скитаме по туѓите земји, барајќи лек за својата болна душа, несознателно вовлечени во нивните канџи, се враќаме во својата татковина не како носители на прогресот, братството и слободата туку на развратот, антагонизмот и ропството..."[1235]

1902 год. Николај Чариков, Русија. „Според изјавата на Сарафов, тој и неговите приврзаници се борат за **независност на Македонија**, не сакајќи со таа област да владеат **ниту Србите ниту Бугарите**. Бидејќи незадоволни од овие последниве, тие сега се спремни да ги убиваат Бугарите, како што порано ги убиваа Србите..."[1236]

1902 год. Александар А. Ростковски, Русија. „Издаваниот во Битола од Месниот комитет хектографиран илегален весник *Оружје* во еден од последните броеви објави статија во која им советува на **Македонците** со

[1234] *Србин*. Београд, 14.7.1902.

[1235] Ристовски, Б. *Историја на македонска нација*, 260-261; Ристовски, Б. „Македонската национална свест ... : 39-40; *Балкански гласник - Revue balkanique*. Београд, 7.7.1902.

[1236] Дракул, С. *Македонија меѓу*..., том 1: 305.

сопствени средства да си ја извојуваат слободата, не надевајќи се на поддршка однадвор, бидејќи ниедна држава не работи несебично, туку сака да освои туѓи области.“[1238]

1902 год. А. Будилович, Русија. Авторот на овој текст дава исцрпна анализа за населението во етничка и географска **Македонија**: „Се доби многу шарена етнографска слика која во наше време се карактеризираше со следните приближни бројки: **Словени** - 1 милион; Турци - 520 000; Грци - 200 000; Албанци - 100 000; Куцовласи - 75 000; Евреи - 70 000; Роми - 35 000.

Иако **Словените** според овие бројки се доминантен народ и во севкупност се рамен на сите други народи и дури повеќе од тоа, ако од 520 000 Турци се одземат 100 000 Помаци, т.е. муслимани што зборуваат словенски, сепак не може да се негира дека несловенската стихија е силно застапена во таа област...

Дури и меѓу православните **Словени** кон крајот на XIX век се заостри антагонизмот меѓу т.н. „патријаршисти“ и „егзархисти“, т.е меѓу приврзаниците на цариградскиот грчки патријарх, од една страна, и цариградскиот бугарски егзарх - од друга. Врз оваа подвоеност на **македонските Словени** се потпира и српско-бугарскиот антагонизам, бидејќи Словените патријаршисти, а делумно со нив измешани Куцовласите, често себеси се пребројуваат како Срби поради негативниот однос кон бугарскиот егзарх како шизматичен во однос на грчкиот патријарх... А во врска со односите меѓу **македонските Словени** со христијанска и муслиманска вероисповед овде треба да се истакне дека долго време вештачки се создавало такво непријателство што под негово влијание апсолутно се заборавени и нивните племенски врски, и заедничкиот говор, и нивните вековни преданија...

Само во последно време почнува можеби будење кај **македонските Словени** за народната самосвест или барем за инстиктите за живот. Но и овде место на дејствување поскоро е Софија отколку кој и да е словенско-македонски град...“[1239]

[1238] Истото, 345.

[1239] *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје, 2017: 391-401 (Будилович, А. „Во што се состојат основните тешкотии на македонското прашање?“ *Журнал: Известија Санкт-Петерсбургского Славјанского Благотвориелного обштества*, 1902.

1902 год. Николај Чариков, Русија.[1240] „Што се однесува до **Македонецот** Марко Мушевич, кој на 21 февруари отпатува за С. Петербург заради претставување на адресите на своите соотечественици до Неговото Имперторско Величество, имааме чест да му ги претставам на Вашата Екселенција следниве сведенија во дополнување на моето писмо од 12 февруари...

Во сегашниов миг Мушевич се јавува како молител од **Македонците**, коишто во заштита на рускиот цар гледаат единствена можност да им биде ставен крај на нивните толку многу сложени и неподносливи страдања.

Мушевич и **Македонците**, во чиешто име зборува тој, не се револуционери и не се политиканти. Тие се, имено, оние прости жители на Македонија коишто севозможните туѓи пропаганди се трудат да ги експлоатираат заради своите егоистични цели, врз кои беспогрешно се стоварува и севкупната турска одмазда..."[1241]

1902 год. Николај Чариков, Русија. „**Македонецот** Марко Мушевич се врати од патувањето во С. Петербург и врши благотворно влијание врз своите соотечесвеници, делувјќи врз нив во смисла на укажувањата и на советите за умереност, добиени од Императорското правителство.

Воопшто, во последно време коренитите **Македонци** стануваат сѐ помалку склони да им се подаваат на сугестиите од претставниците на бугарската и српската пропаганда што се трудат да се домогнат до егоистички придобивки, и ја очекуваат вистинската помош и покровителство исклучиво од Русија."[1242]

1902 год. Иван Зиновјев, Русија. Рускиот амбасадор во Цариград: „Откако ја грабнала г-ѓата Стон и нејзината сопатничка, Албанката протестантка Цилка... Тие на г-ѓата Стон ѝ објасниле дека не се никакви разбојници, туку дека ѝ припаѓаат на Организацијата што си има поставено **задача да ја ослободи Македонија** од турското иго; ...куќата во која престојувале пленичките обично била чувана од четворица **Македонци**, но повремено тука се присобирале и по 25 души."[1243]

[1240] Николј Чариков, руски конзул.

[1241] Дракул, С. *Македонија меѓу*..., том 1: 392-393.

[1242] Истото, 250.

[1243] Дракул, С. *Македонија меѓу*..., том 1: 346-347.

1902 год. Павел Б. Мансуров, Русија.[1244] „Најблиската цел на кругот луѓе кому му припаѓа г. Мушевич се состои во придобивњето на еден манастир во Битолскиот Округ, што би можел да стане и нивен просветен центар. Тие веќе стапиле и во преговори со грчкиот митрополит во Битола со цел да им биде даден на нивно располагање еден од славјанските манастири во неговата епархија и беа наполно сигурни во успешниот исход на овие преговори; меѓутоа нивниот другар, ѓакон, што ги водеше овие преговори беше за тоа време убиен... Сега тие мислат, не откажувајќи се ни од оваа своја намера, да започнат со придобивање една ќелија на Атон, каде што самиот Мушевич и еден негов другар, старец, мислат и да се потстрижат. Отаде тие сметаат да почнат да ја шират својата дејност по Македонија... Св. Гора за тоа се претставува со многу погодности, како место каде што можат да се користат со полна слобода, а каде што се присобираат и маса **Македонци**, и од каде што монасите ја обиколуваат со икони за милостина целата земја. Во Салоники тие замислуваат да покренат весник на **македонско наречие**, што ќе биде повикан да ја проповеда мислата за зачувување на Македонија од секакви посегања однадвор и во полна верност спрема султанот, со надеж, конечно, со покровителството на Русија, да биде издејствувано подобрување на животните услови за нејзиното христијанско населенеие, без разлика на народностите.[1245]

1902 год. Весник *Балкански гласник*. „Секој што имал можност да ја посети оваа несреќна братска земја, веруваме, има увидено дека основната маса на народот е словенска, која по обичаите, традициите и минатото **претставува една етнографска целина**, но која, за жал, денеска е распарчена на неколку делови. За 30 години Бугарите не беа во состојба да го побугарат населението во Македонија, па мислиме дека нема да можат да го сторат тоа ни другите народности. Во интерес на Словенството на Балканот се надеваме дека сите ќе работат за тоа да ѝ се даде Македонија автономија и да се признае нејзиниот **словенски македонски дијалект**.“[1246]

[1244] Павел Мансуров, руски дипломат.

[1245] Дракул, С. *Македонија меѓу*..., том 1: 123-124.

[1246] Ристовски, Б. „Македонската национална свест ... : 40; *Балкански гласник - Revue balkanique*. Београд, 28.7.1902.



Год. I. Београд, Недеља 18 Августа 1902. Број 7.

БАЛКАНСКИ ГЛАСНИК

* Број 20 пара * REVUE BALKANIQUE Le numéro 20 centimes

Излази недељно. Цена за Србију и иностранство на годину 10, на пола године 5 динара (франака). Писма, новац и све друго треба упућивати уреднишгву улица Македонска бр. 39.

Belgrade le 15. Août 1902.

Personne n' ignore aujourd' hui qu' à la suite des circonstances politiques et économiques — et étant donné le manque de sûreté individuelle et de la possession en Macédoine et dans les autres provinces de la Turquie d' Europe — la population slave chrétienne a commencé à émigrer en Serbie, en Bulgarie et ailleurs, et grand nombre de ces émigrés n' osc plus rentre dans leurs foyers. Aussi cette émigration qui elle devenue plus sensible après la guerre serbo-turque et russo-turque laquelle a été sanctionnée par les dispositions du traite de Berlin en 1878, traité garanti par les signatures de grandes Puissances.

Que la situation en Macédoine et dans les autres provinces turques est triste et intolérable, cela nous est prouvé par les nouvelles quotidiennes qui arrivent de ces provinces, nouvelles qui sont également confirmées aussi par les représentants des Puissances Européennes ainsi que par la presse. Et si l' on tient compte des émigrés macédoniens en Serbie en Bulgarie etc, dont le nombre dépasse quelques centaines de mille d' hommes, l' on verra que tous ces gens là, ont dû beaucoup souffrir soit individuellement soit par ses maux de leurs familles, de la part des Turcs et des Albanais qui se comportent avec barbarie envers les chrétiens.

Tous ces souffrants soupirent pour la liberté et désirent voir libre leur patrie. Il n' est pas, cependant, suffisant de désirer seulement vers le beau et désirer le bien; pour y arriver il faut aussi des sacrifices et il faut être préparé et prêt à secourir surtout ceux qui se sont rendus victimes.

En effet, nous voyons dans ces derniers temps tant d' assassinats se commettre en Macédoine, tant d' incendies, de pillages et d' arrestations, sans que nous autres qui sommes à l' étranger, soit comme émigrés politiques soit pour y exercer notre vie, — puissions prêter secours aux malheureux. Et si l' on demande la cause, elle n' est autre que le manque d' une organisation sérieuse. Si des pareils méfaits et de tels désastres venaient à avoir lieu dans d' autres pays, les peuples respectifs auraient déployé tous leurs efforts et auraient ouvert des souscriptions publiques pour venir à l' aide des malheureux fussent-ils même des étrangers.

Et nous autres que faisons nous pour répondre à notre devoir ainsi que devant les hommes et devant Dieu pour tant de victimes innocentes?

Le nombre des travailleurs macédoniens, des artisans, des commerçants et des fonctionnaires même qui habitent la Serbie étant très grand, et ceux ci jouissant d' une confiance générale de leur compatriotes, il incombe de leur devoir de s' organiser et d' avoir une «Société Macédonienne» de bienfaisance avec la mission d' aider et de secourir ceux de ses compatriotes indigents qui se trouveraient en misère et qui mériteraient en effet un secours. Ce devoir s' impose encore plus aujourd' hui surtout, car nos compatriotes par leur situation qu' ils se sont créée en Serbie, constituent l' état de choses de leurs frères de Macédoine et de la Vieille Serbie et par cela, certes, ils contribueraient à la hâte de la solution de la question macédonienne si décisive pour nos intérêts.

Faut-il laisser que des personnes incompétentes soient les représentants de nos autres Macédoniens, personnes qui ne jouissent pas d' une confiance suffisante et méritoire et qui agissent plutôt pour leur propre intérêt que pour notre intérêt général en nous donnant différentes dénominations? Nous estimons qu' il faut mettre publiquement l' attitude de ces gens-là qui n' font leur donner un vote de blâme et les remplacer par d' autres personnes d' une confiance générale et qui servent désintéressés et sincères amis de la nation.

C' est précisément, la conduite observée par quelques-uns de patriotes qui se trouvent auteur de certains journaux et de certaines sociétés qui a nuit auprès de la jeunesse macédonienne les sentiments ayant trait à la publication de la «Revue Balkanique» le seul organe qui défend sincèrement les intérêts de ses compatriotes n' importe dans quel pays se trouvent-ils. D' autre part nos compatriotes ont bien saisi la tendance et le but que notre «Revue» poursuit et c' est pourquoi se sont empressés de lui prêter leur appui et un soutien efficace en prenonant a l' abonnement de certains journaux soldesants patriotiques qui ne font que plaider la cause et les intérêts des Turcs des Albanais et d' autres, mais pas les intérêts slavo-serbes.

Aussi espérons nous que tous seront d' accord à nommer l' attitude du nouveau président de la Société des Serbes de la Macédoine et de la Vieille Serbie, qui au lieu de répondre à ses devoirs et aux demandes de ses membres, n' a commencé de les dénoncer. En présence d' une pareille situation nous avertissons nos compatriotes macédoniens qui vivent dans cette localité que nous mettons à leur disposition les bureaux de la redaction pour toute information relative à la question macédonienne et pour toute autre question nationale.

Београд, 16. Августа.

У последње време, готово цела балканска и европска штампа говори, да је стање у Македонији озбиљно и несносно, да ће се македонско питање ускоро решити и да ће се балканске државе, односно државе, груписати у савез политичко-економи

Шта још говори се, да је између Русије и појединих балканских држава већ склопљен политички савез, а сад, приликом свечаности на Цетињу, где су пре 25 година заједнички проливали крв за слободу Црне Горе, Краљ Александар Обреновић и краљ Никола Петровић Његош приликом бића утврђен балкански савез између Србије, Бугарске и Црне Горе, са обзиром, да савез гарантује, задржи сиду аутономну унутрашњу самосталност а сви скупа ће сачињавају једну неутралну федеративну државу под гаранцијом великих сила.

Све ово, што је одавно требало да буде, доте и бише нов живот и благостање за све становнике на Балкану, а тако исто и за Европу, Јер, кад би постала аутономна Македонија са обласи на неутралну балканску федерацију, не би се имало заштa бојати, да ће Македонији подићи револуцију и свитати се чо слободним братским државама, а Србији, Бугарској и Црној Гори спремати се за територијално увећавање, но све би мирније и стабилније би се одвијао њихов мирнији, културни, привредни, економиони и финансиски напредак.

Зависи, решење наше суботносно-македонског питања, одаде велику бригу свима политичарима, поштo свака балканска држава тражи и заштиту од Европе, а особито од Русије, да се ово одвише комликовано питање реши у њихову корист. Неки то очекују и надају се као странци по племену, неки по вери, неки по династичкој вези, нека по традиционалном русофилству и т. д. и т. д. Дакле сила на Балкану, и поглед и наде јесу упуте у Европу а нарочито у Русију и без ње, они не би могли постојати а још мање напредовати. Кад је то све тако, онда зашто све балканске државе, односно државници, не приступају повери целокупно решење њихово македонског питања, које је њима само спорно, тако и многа друга питања на Балкану, руској влади, односно руским политичарима, који имају могућности да воде свеколику светску политику, него ли они нашли на Балкану. Свакн, ко има нужду. Треба да Бугарска, према помагала — добротвора, и не да му ластира.

За то ми смо мишљења, да на основу пријатељских односа који постоје између Русије, поручени од Сверуског Императора Николе II и свечано прихваћен од сих држава на хашкој конференцији, може решити и наше Македонско питање само ако сви једнодушно пристанемо на оновако решење, како би Русија нашла за сходно и правично.

А ми, Македонци, који смо увек били и остајемо словенофили и чувари православља, братски апелујемо на званичну Србију и Бугарску а особито на Русију, да сви заједнички потпомогну, како би се наше несносно стање побољшало и увела се аутономија у Македонији а та аутономија да буде под сизеренством Султана, у трговинском погледу слободна са Србијом и Бугарском а под гаранцијом великих сила.

БАЛКАН И ЈИНДИЈСКА ПОШТА

Весникот *Балкански гласник - Revue Balkanique*

1902 год. Весник *Балкански гласник*. Некои белградски и софиски листови многу се вознемириле што во нашиот весник сме пишувале дека **словенскиот елемент во Македонија** за да претставува една целина и да има надмоќност над другите народности, треба да си го усвои за литературен јазик својот местен дијалект, и едните доаѓаат до заклучок дека нашиот весник се инспирирал и се помагал од Бугарија, а другите од Србија. Категорично ги одбиваме ваквите тврдења коишто ги сметаме за клевета, зашто нашиот весник војува единствено за ослободување на Македонија и ги брани **интересите на Македонците** па каде и да се наоѓаат тие, кои и го прифатија и го помагаат.“[1247]

[1247] Истото; *Балкански гласник - Revue balkanique*. Београд, 18.8.1902.



Стефан Јакимов Дедов и Дијамандија Трпков Мишајков

1902 год. Меморндум потпишан од Стефан Јакимов Дедов[1248] и Дијамандија Трпков Мишајков.[1249] „По завршувањето на Правниот факултет во Белград ние почнавме да го издаваме весникот *Балкански весник*, чија цел беше да ги брани интересите на **македонските христијани** не само од угнетувањето на Турците, но, исто така, и од разните пропаганди, и да проповеда за **самостојна Македонија во политички, национален и духовен однос**. Српската Влада, под влијание на една група луѓе што мечтаат за 'Голема Србија'... го забрани издавањето на весникот... Од сето што беше речено досега се гледа: 1) дека во **Македонија** поголемиот дел од целото население се **Словени**; 2) дека ова население би можело да игра највидна улога во оваа земја во таков случај ако кај него постои единство на националната свест; 3) дека тоа единство е нарушено од соседните балкански држави што сакаат за

[1248] Стефан Јакимов Дедов (1869 - 1914) од Охрид бил основач на Македонскиот клуб во Белград и издавач на неговиот орган весникот *Балкански гласник - Revue Balkanique* (1902), член, основач на МНЛД во С. Петербург и коавтор и потписник на Македонската национална програма. Издавач и редактор на неофицијалните органи на друштвото *Балкан* (Le Balkan, 1903) и *Куриеръ* (1904). *Албум Македонија*. МАНУ. Скопје, 2014.

[1249] Дијамандија Трпков Мишајков (1872 - 1953) од Битола, правник и национален деец. Еден од основачите на Македонскиот клуб во Белград и редактор на неговиот орган *Балкански гласник Revue Balkanique*, член и основач на МНЛД во С. Петербург и коавтор и потписник на Македонската културно-национална програма на МНЛД (1902).

сметка на наследството од „болниот човек“ да си создадат свои големи Бугарија, Србија и Грција; 4) дека единствено на националната свест не е возможно да се постигне само од **Македонците**, без помош отстрана; 5) дека оваа помош не може да ја укаже ни една од балканските држави, самата, без согласноста на соседните заинтересирани држави... Единствените - засега - подобрувања што може да се направат и за кои треба да се согласат и балканските држави се сведуваат, според нашето мислење, кон следново:

Признавање на **македонските Словени** од страна на Турција како одделен народ со одделен литературен јазик што рамноправно со турскиот станува официјален јазик во трите вилаети на **Македонија**: Косовскиот, Битолскиот и Солунскиот, и признавање на самостојна Црква...“[1250]

1902 год. Стефан Дедов. „Зошто **Македонците** во Србија протестираат против Бугарија и зошто емигрантите во Бугарија се нафрлаат против Србија, а не изустуваат ни збор против Бугарија? **Македонците**, изгонети од својата татковина, кои се избегани во Србија и во Бугарија, се поставени во доста тешка положба... За да не останат таму како туѓинци, едните требаше да станат пионери на српските државни идеи, а другите носители на бугарските стремежи во Македонија...“[1251]

1902 год. Весник *Право*. „Внатрешната револуционерна организација ќе му даде на секој да разбере дека работи за единство и независноста на Македонија како слободна држава на Балканскиот Полуостров. Таа организација давала и во иднина ќе дава докази дека не е агент на ниту една од соседните држави, туку агент само на **македонската слобода** и независност. Со таквите докази таа постепено **ќе ги отстранува племенските разлики во Македонија** и ќе ги го организира идниот, ако и разнобоен, но способен да се самоуправува мирно и тивко, **македонски народ**...“[1252]

1902 год. Весник *Право*. „Внатрешната револуционерна организација не може и не треба да се солидаризира со погледите на патриоти надвор од сферата на Македонија, зашто таа не може и не треба да го смета **македонскиот народ** за кал од кој може да се прави денес едно - утре друго, без да се плаши дека ќе се претвори во пепел и прав.“[1253]

[1250] Ристовски, Б. *Димитрија Чуповски* ... : 40, 41, 45, 46.

[1251] *Куриеръ*, 14.11.1902, 2.

[1252] *Право*, II/31 (39), „Вътрешната революционна организация, месни пречки“.22 септември 1902: 3.

[1253] *Право*, II/36 (44), 1 ноем. 1902.

1902 год. Национална македонско-албанска лига.

„Браќа **Македонци**! Браќа Албанци!

Дознаване дека султанот, нашиот цар, сака да ни даде ново добро уредување[1254] за да го поправи владеењето, да ја уреди земјата... Покажувајќи верба и пријателство кон султанот, на што тој ќе се чувствува задоволен, ќе го сториме она што сакаме...

Македонски народе!

Албански народе!

Немаме потреба да го ризикуваме животот на нашиот народ со глупости! Знаеме дека ако сме обединети со Турција ќе ги добиеме, малку по малку, нашите права и ќе стигнеме да има самоуправа, значи да бидеме самостојни.

Нема потреба, Бугарите, Грците или други да ја поправаат нашата татковина. На овие и на нивните пријатели треба да им покажеме од каде се дојдени, на тој начин кон султанот да ја покажеме нашата доверба...“[1255]

1902 год. Дончо Пиринѕки, војвода.[1256] Рускиот конзул во Пловдив, С. Андреевич, разговара со војводата Дончо:

- „Каде си бил досега г-не Дончо?“

- „Сум бил и ќе бидам во Пирин Планина - не конзуле. Таму се борам и ќе се борам со Турците додека не се ослободи Македонија. Да живее Русија! Да живее цар Николај! И Вие да живеете!“

- „Ами кој ве праќа таму?“

- „Кој нѐ праќа? - Ние си одиме сами. Народот нека е жив, тој нѐ гледа како своите очи. Ако народот не нѐ сакаше, како ќе можев јас да живеам толку години со моите момчиња? Пирин планина м ие како куќа.“

- „Ами, зошто не останавте и за време на зимата таму?“

- „Лани цела зима сум поминал во Македонија, но сега не ни стигнаа патрони, па дојдевме да купиме. Ама штотуку дојдовме на граница, бугарските војници нѐ фатија и нѐ однесоа тука под стража... Досега Турчин не се

[1254] Станува збор за реформите од 1902 година.

[1255] *Документи за борбата*…, том 1: 355-356; British Museum (British Library), London, National Macedonian-Albanian League. London, 1902.

[1256] Во декември 1902 година Тодор Хаџи Тошев од Прилеп публикувал еден разговор на рускиот вицеконзул во Пловдив Сергеј Андреевич со македонскиот ајдутин и револуционер Андон Златков-Дончо, војвода од селото Палат, Пиринска Македонија.

доближил до мене, а сега нашите браќа да не пречекаат така студено!... туку нејсе! И ова ќе се претрпи!“

- „Ами од кого баравте да го земете потребното? Кој ви го набавува и кој дава пари за тоа?“

- „Самиот **македонски народ**, г-дин конзуле, си дава пари за пушки и патрони. Доверливи луѓе ги купуваат од Австрија. Еве и сега ни дојде абер за патрони и пушки од Австрија, и ние сме пратени да ги земеме. Ама нечесни Турци нѐ гонат, земјата ни е сиромашна со пари, па озгора и нѐ интернираат. Зошто? - Госпо знаи...“

Дончо привршува со зборовите: „**Македонците** покрај пушката и Бога, се надеваа најмногу на Русија... Да живее рускиот цар! Да живее Бугарија! Да живее слободна Македонија!“[1257]



Војводите Кочо Љутата и Дончо Пиринski со нивните соборци,
(Македонско востание, 1895 година).

1902 год. Петар Бошњаков-Македонец. „Организацијата, имајќи своја револуционерна програма, е неумоливо непријателска и жестока пакосница на стрмежите на Егзархијата, затоа што таа нема за задача да создава ’Велика Бугарија‘ за која војуваат сите пратени од Бугарија просветители на чело со

[1257] *Сборникъ отъ турскитѣ звѣрства и македонското освободително дѣло*. София, 1902: 12.

егзархот, туку на рајата да ѝ даде политичка слобода, да создаде почва за културен и економски напредок, прогласувајќи **македонска државичка** на Балканскиот Полуостров. Од последниов се плашат и Егзархијата и официјална Бугарија. Сите чиновници на Егзархијата... се доведени од Бугарија со панбугарски идеи... Просто и чисто севернобугарски језуитски ред со задача да создава Бугари во Македонија. Силата на македонското движење зад Рила ја плашеше Владата на Стоилов,[1258] бидејќи знаеше дека раководителите на тоа движење при избувнување ропска јарост и борба на живот и смрт нема да се обрати за помош до него, до бугарската воена сила, туку до мускулите на робот. Еднаш кога Револуционерната организација во турско, поставена врз здрава основа, **македонскиот деец** и робот ќе го презрат, ќе го презрат секое шовинистичко посегање на која и да е бугарска Влада, а нема да ја остават со своите нечисти раце да ја валкаат светоста на револуцијата. Владата на Стоилов тоа го знаеше и ете зошто нејзиниот шеф си го напрегаше умот да најде средство со кое ќе се спречи едно масовно движење во Македонија, да го обессили, а потоа да му се даде насока.

Бугарија! О, не, не прашувајте за неа! По крвопролевањата и плачот на несреќните робје таа остри заби..., посега со рака не за да го оттргне од страдањата, туку за да се докопа до Беломорскиот Брег... Секој треба да знае дека досега Македонија и Одринско ќе беа слободни ако не постоеше слободна Бугарија.“[1259]

1902 год. Анастас Јанков.[1260] „**Македонци**! Сетете се за светскиот победител за светската слава на Македонија - великиот Александар Македонски; сетете се за храбриот цар Самоил, **македонскиот великан**, за прекрасниот Марко Крале, општословенска слава - дека во нив текла македонска крв; тие од небесните височини бдеат и го благословуваат нашето започнато дело. Да се покажеме достојни нивни потомци, да им ги зачуваме славните имиња и да го зачудиме светот со нашата храброст, умешност и самопожртвуваност; да го отресеме од себе срамниот јарем што нѐ гуши пет века.“[1261]

[1258] Константин Стоилов.

[1259] *Един Македонецъ: Блгарската пропаганда в Македония и Одринско*. София, 1902: 9.6, 23, 29; Миноски, М. *Македонизмот*..., 85.

[1260] Анастас Јанков (1860 - 1906), врховистички раководител.

[1261] Ристовски, Б. *Портрети и процеси*, I: 227; Прогласот е упатен до македонскиот народ за учество во Горноџумајското востние во септември 1902 година.

1902 год. Димитрија Чуповски. „За триесет години Бугарите не беа во состојба да го побугарат населението во Македонија, па мислиме дека нема да го сторат тоа и другите народности.“[1262]

1902 год. Меморандум на Македонско-литературно друштво „Св. Климент“: „...

1. Признавање на македонските Словени од страна на Турција како одделен народ.
2. Признавање на посебниот македонски јазик како литературен што рамноправно со турскиот станува официјален јазик во трите вилаети: Косовскиот, Битолскиот и Солунскиот.
3. Признавање на Охридската архиепископија како самостојна македонска црква.
4. Назначување генерал-гувернатор за трите вилаети од мнозинската народност и негов помошник од помалу застапените народности.
5. Месно изборно собрание на Македонија.
6. Давање на Македонија органски статут од неговото Императорско Величество Султанот.
7. Гарантирање од големите европски држави за спроведувањето на живот на правата дадени од Султанот...“[1263]

1902 год. Македонско-литературно друштво „Св. Климент“ (подоцна „Св. Кирил и Методиј“ - Петроград). „**Македонската националослободителна концепција е научно фундирана и наполно аргументирана..., народен стремеж што со децении пред тоа континуирано се развиваше и се дефинираше. Етнографско и јазично единство во Македонија постои, и тоа се оспорува само од приврзаниците на големосрпската и на големобугарската идеја...“[1264]**

1902 год. Христо Даскал’чев.[1265] „Се радувам од срце и душа на Вашата жива и брза дејност. И така, нуждата, времето и околностите во нашата Македонија се веќе надвечерјето, та ете зошто нашата будност, нашата готовност и активност, особено **нам Македонците**, на коишто ни се доверени сума работи, треба да го оправдаме со дејност и со умување на нашето еднодушно обединување: *еден ден во Македонија*!“[1266]

[1262] *Балкански гласник*, 20.7.1902; Ристовски, Б. *Димитрија Чуповски*, кн. 1. Скопје, 1978: 118.
[1263] Ристовски, Б. Македонија и македонската нација..., 231.
[1264] Ристовски, Б. *Историја на македонската нација*..., 270, 273-274, 276, 277.
[1265] Христо Даскал’чев, македонски револуционер и член на ТМОК во Киев.
[1266] Ристовски, Б. *Портрети и процеси*, II, 202.

1902 год. Никола Карев, војвода.[1267] Во писмото од Никола Карев до Гоце Делчев, во кое го известува за тешката состојба во Битолско, го напишал и следново: „Не треба да чекаме повеќе Гоце. Време е веќе да стануваме и да се биеме. Да не чекаме слобода ниту од Грците ниту од Бугарите, ами сами ние **Македонците** да се бориме за наша Македонија, што ја засилува Организацијата меѓу селаните и да не се споменуваат тврдењата дека 'сите **Македонци** работеле за присоединување на Македонија кон Бугарија или Грција'. Што се однесува до мене, никој не ќе може да ми ја одземе мојата храброст и мојот патриотизам. Драго ми е да ти соопштам дека сите наши момци се готови со пушка в рака да се бијат.“[1268]

1902 год. Микеле Пинета, Италија.[1269] „Никаква реформа во Македонија не е возможна, актуелната состојба ќе трае уште долго врме и **македонскиот народ** ќе мора да ја поднесува.“[1270]

1902 год. *Ел Корео Еспањол*, Шпанија. „Се потврдува веста дека бунтовниците Македонци извршиле напад врз месноста Мелник. Нема податоци за тоа дали успеале да го заземат.“[1271]

1903 год. Весник *Славјански век*, Виена. „Под покровителство на Слав(јанското) Бл(аготворително) друштво во С. Петербург, студентите **Македонци** создале кружок п(од) наз(ив) *Македонско научно-литературно студентско друштво*, во кое сега се запишани 20 члена. Целта на Друштвото е: духовно обединување и единство на татковината, изучување на Македонија од историска и етнографска страна, запознавање на руското општество со вистинската положба на **Македонците** во минатото и сега. Членовите на кружокот зборуваат меѓу себе само на **македонски наречја**, а не по бугарски и по српски, како што беше досега, по местото на воспитанието...

Остварувањето на оваа идеја: 'Македонија на Македонците' - со создавањето на **македонскиот јазик** по мислењето на овие автономисти ќе се покаже прифатлива: 1) за Бугарите поради тоа што тие ќе можат да се надеваат

[1267] Никола Карев (1877 - 1905), учител, социјалист, македонски револуционер, војвода и претседател на Крушевската Република.

[1268] *Документи за борбата…*, том 1: 360. „Сами ние да се бориме за наша Македонија“ (необјавено писмо на Никола Карев до Гоце Делчев). *Нова Македонија*, 7744. Скопје, 5.5.1968: 8.

[1269] Вршител на должност во Италијанскиот конзулат во Битола.

[1270] Галон, С. *Политички извештаи на италијанските конзули во Битола (1895 - 1916)*. Битола, 2004: 127.

[1271] *El Correo Español*. Madrid, nom. 2069, julio 1895.

дека со враќањето на македонската емиграција, воспитана во бугарски дух, земјата би добила бугарски карактер; 2) Србите поради тоа што би се прекратила бугарската пропаганда и опасноста на југ да имаат силна бугарска држава...

Програмата на овие поборници на 'етнографска', а не географска Македонија, страда само од тоа дека се јавува со огромно задоцнување од најмалку 30 години."[1272]

1903 год. Весник *Маѓедонија*. За политичките настапи на Матеј Геров[1273] во Белград во весникот се вели: „Не е ниту Србин, ниту Бугарин, туку **Македонец.**"



Никола Карев

1903 год. Војвода Никола Карев и други од Штабот. „Брзаме да ви го честитаме востанието! Денеска цела Крушевска Околија заедно со цела **Македонија** крена востание... чекаме ноќ за да дојдеме и да го заземе Крушево, та заедно со целиот народ да го извикаме **победоносното**


[1272] *Славянски век*. Виена, 62, 15/28.2.1903: 431-432.

[1273] Матеј Геров (1872 - 1918) од Тетово. По завршувањето на гимназијата во Солун две години бил учител во Цариградската семинарија. Од 1898 год. станал публицист и новинар за весниците *Реформи* и *Македонски преглед*. По извесно време станал советник во ЗП на ТМОРО во Софија. Бил дописник на неколку француски весници. Со поделбите во Организацијата од 1905 година се приклучил кон групата на Борис Сарафов, а во Белград бил испратен токму од него за да преговара со српските власти за евентуална помош за македонското револуционерно движење.

македонско ура! Бог и правото се со нас! **Да живее Македонија**! Штаб: Никола Карев и др.“[1274]

1903 год. Весник *Вашингтон тајмс*. Х. Р. Чемберлен, дописник на весникот *Вашингтон тајмс*, пишува дека целта на македонските востаници во Илинденското востание била воспоставување независна македонска држава: „Тие се стремат за ништо помалку од независност, иако таа нивна амбиција ја прикриваат во терминот автономија.“

А за Бугарија и македонската емиграција во неа новинарот напишал: „Вистина е дека оваа земја Бугарија силно сочувствува со Македонското движење. Близу половина од населението се **Македонци, по род или потекло.**“[1275]


The Washington Times.

SOFIA, Bulgaria, April 25.—Three weeks spent in gathering information at first hand among the highest authorities in Constantinople, Bulgaria, Macedonia, and Servia, including those entitled to express the views of Turkey, Russia, Great Britain, and the other great powers, and the leaders of the insurrectionists, enables me to speak with a certain amount of confidence of some of the features of the crisis which is reshaping the destinies of this portion of the world.

It would merely be absurd to pretend to separate with accuracy the truth from falsehood in the great mass of contradictory material which has come before me. On the other hand, some facts and conclusions may be set down without reservation.

I must claim indulgence if I speak too dogmatically. It is necessary, because I am not at liberty in many instances to name the authority for my statements. Moreover, it is not possible, within the limits of a cable dispatch to go into corroborative details.

My first statement will seem a paradox to most readers, namely, that the only people who seem to be sincere in the desire for a certain measure of reform in the Balkans are the Turks. The reason is simple. The Sultan desires to maintain the status quo in the peninsula. His task of controlling the irreconcilable races and religions in Macedonia is almost impossible under any system of government, and measures which are ordinarily regarded as severe and oppressive are absolutely necessary.

It is true that the Turkish measures have been far too oppressive, cruel, and corrupt. The Sultan believes that any extensive relaxation would eventually result in one or the other elements of the population gaining the upper hand. He is willing to yield, however, as much as he considers would not imperil his sovereignty. The Bulgarian and Macedonian insurrectionists raise the reform cry solely for outside effect. No greater disappointment could come to them than to see genuine reforms introduced under Turkish auspices, voluntarily, or otherwise.

Veil Their Ambition.

They aspire for nothing short of independence, although they usually veil their ambition under the term autonomy. It is the conviction of almost every competent observer that independent Macedonia would mean nothing short of the blackest anarchy throughout the land.

Perhaps I should explain that the insurrectionists have a larger scheme, which was explained to me the other day by their chief leader, with an enthusiasm which was almost fanatical. He desired, he said, to form a Balkan, or, as he expressed it, a South Slav federation, consisting of Bulgaria, Servia, Albania, Macedonia, and Roumania. The object of this federation would be to prevent both Pan-Russian and Pan-Germanic expansion, and he desired to secure the active support of Great Britain and France. It would be useless to point out to him the absurd impracticability of his scheme in the present situation.

A Religious War.

I have abundant reason to know that the Turks fully recognize the possibility of Russia driving them out of Constantinople and that such is Russia's ambition and purpose. When the moment comes, however, the conflict will take the form of a religious war, when it is the highest aspiration of every Moslem to perish for his faith. To quote the ominous words of an eminent Turk on this subject a few days ago in Constantinople, "When we leave Constantinople every foreigner here will go with us." This would mean the massacre of more than 100,000 Europeans, a danger which is constantly before the ambassadors to the Porte, and one which some believe may at any day become a real one.

Regarding the immediate prospects, there have been signs for the past few days of a lack of sufficient forces among the Macedonian and Bulgarian insurrectionists to bring about a general rebellion. There certainly will be fighting in the next few weeks, with increasing seriousness in various parts of Macedonia and Albania. The situation in the latter province is unquestionably giving the Sultan greater anxiety than Macedonia.

form scheme, or was possibly organized in Austria's interest, to furnish a justification for an advance of her troops. The danger of a general rebellion will largely disappear for the present, unless events take a definite shape within ten days. There will be nearly a quarter of a million Turkish troops in Macedonia by that time, and this force will be ample to suppress all except guerrilla warfare on the frontier.

There is no doubt that hostile hands will make every effort to incite the Turks to violate the Bulgarian frontier. It is true that this country strongly sympathizes with the Macedonian movement. Nearly half the population is Macedonian, either by birth or origin. The Russian influence in control of the government, however, is marvelously skillful, and there has been no sign, as yet, of any general public movement in opposition to the correct attitude which Russia has so sternly prescribed.

Текстот во *Вашингтон тајмс* во кој новинарот Чемберлен напишал опширен текст во кој зборува за намерите на Македонците за формирање независна држава Македонија.[1276]

[1274] *Документи за борбата*..., том 1: 397.

[1275] *The Washington Times*. Sunday, April 26, 1903: 3.

[1276] https://scontent.fskp4-2.fna.fbcdn.net/v/t1.6435;
https://www.facebook.com/macedoniaendless/photos/a.

1903 год. Анастас Јанков.[1277] „Јас не сум Бугарин, туку **Македонец** и ѝ сакам на Македонија, пред сè, слобода и самоуправа. Тоа е целта на сите вистински **Македонци**... **Ние Македонците** не сме кадарни сами да го направиме тоа, но сме кадарни да кренеме востание во Македонија и со настаните да ги увериме Големите Сили што го потпишаа Берлинскиот договор дека тие треба и да го исполнат она што им го ветиле во тој меѓународен договор на христијаните во Европска Турција. Ние сакаме што поскоро да ги доведеме Големите Сили до тоа уверување. Особено мора да побрзме да го направиме тоа пред да се спогодат Србија и Бугарија за Македонија. Таа спогодба, според мене, би била кобна за **Македонците**, бидејќи Бугарија и Србија откако ќе се спогодат за нашата татковина, би ја поделиле Македонија и тие делови би си ги присоединиле кон своите државни области.“[1278]

1903 год. Раководителите на Комитетот од Костур до владиката Германос Каравангелис[1279] **(писмо од 5 јануари).** „Гледате дека цела Европа е со нас!... дека секој се обидува да му помогне и секој му помага со сè што може на напатениот наш **македонски народ**; така, од далечниот Сибир и од другите националности му се пружи помош на поробениот **Македонец** и од сите страни на светот се слушаше да ѝ се дадат правата на Македонија!!!..., а вие несреќници! Само вие останавте сојузници на гнилата Османлиска Империја, која ги измеша своите подли планови и не знае кој пат да го фати! ... сè уште се надевате дека ќе ја задржите Турција создадена од лепрозни војници во селата? Уште се надевате дека ќе се изгуби континуитетот или дека ќе нè исплашите со нив[1280] и им се заканувате на некои села да формираат војска? Уште ли се надевате, заедно со вашите предавници, дека ќе уживате на она за кое копнеете?“[1281]

[1277] Ананастас Јанков (1857 - 1906), воен деец од Загоричане, Костурско, полковник во бугарската армија, член на ВМК, учесник во Горноџумајското востание. Како доброволец учествува во Српско-турската војна од 1876 и во Руско-турската војна од 1877 - 1878 година. Како член на Врховниот македонски комитет во август 1902 година предводел голема вооружена чета со којашто има неколу вооружени инциденти. За време на Илинденското востание учествувал со својата чета во нападот на с. Белица во Пиринска Македонија. По востанието продолжил со акции, а во една од нив загинал во с. Влахи.

[1278] Ристовски, Б. *Историја на македонската нација*. Скопје, 1999: 208.

[1279] Германос Каравангелис (1866 - 1935), патријаршиски митрополоит во Костур (1900 - 1907), противник на МРО и организатор на многу антимаедонски акции.

[1280] Македонците.

[1281] *Сведоштва* ...: 134; Γιωργιος Πετσιβας, Ιωανος Δραγουμη, Τα Τετραδια του Ιλιντεν, 5.



Анастас Јанков

1903 год. Султан Абдул Хамид, Османлиско Царство. „7 април 1903 година... Со високата наредба и Неговото Величество, султанот, се известува отсега па натаму во претставките и соопштенијата поврзани со работите на царските вилаети на Румелија, категорично **се забранува терминот Македонија** којашто се споменува како локално име...“[1282]

1903 год. Весник *Ивнинг њус*, Австралија. „**Македонците** во Софија (Бугарија) вчера одржале панихида за една група од 24 **Македонци**, кои под водство на двцајца бугарски офицери - резервисти, биле исечени на парчиња во Карбинци, во близината на Истиб (Штип - Б.С.), од страна на припадниците на башибозукот и други трупи. Црквата била преполна и во својата проповед свештеникот ги воспеал паднатите. Говорниците пред толпата собрана надвор од црквата го пофалиле примерот на паднатите Македонци.“[1283]

[1282] Başsbakanlik Devlel Arşivleri Genel Müdürlügü, Osmanli daire Balkanligi, Rumeli Müfettişligi Tasnifi, sadaret ve Bakitabet Evraki. Телеграма од 7.4.1903 год. Генерален директорат за државни архиви на Владата, Секретаријат за османлиски работи - Инспекторат за класификација на румелиски документи во Истанбул. Превод: А. Стојановски, *Македонија под турска власт*. Скопје, 2006: 317.

[1283] *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 36-37; „Реквием во Софија“. *Ивнинг њус*. Сиднеј, 7 април 1903: 6.



Американскиот магазин за жени *Калифорнија лејдис магазин* од 1903 год., меѓу останатото, прикажува фотографии за изгледот на Бугарки и Македонки во нивните носии.[1284]

1903 год. Њујорк тајмс, САД. „Во Салоника е прогласена опсадна состојба.

Постои наредба за вонредни мерки на претпазливост насекаде во Империјата, бидејќи се претпоставува дека би можеле да се појават обиди за анархистички злодела во Константинопол и насекаде, слични на оние во Салоника. Поттикнато е најголемо негодување.

Акцијата на Македонскиот комитет во насочување на напади врз странскиот имот очигледно била со цел интервенција на Силите. Постои стравување дека злоделата би можеле да доведат до масакри врз **Македонците** и **Бугарите** од страна на муслиманите, кои се во состојба на опасна вознемиреност.

Трезорот на Отоманската банка која била разнесена е безбеден.“[1285]

1903 год. Весник *Регистер*, Австралија. „Објавено е дека г. Делчев,[1286] творецот на Македонската револуционерна организација формирана пред неколку месеци,[1287] е убиен во една престрелката со турските трупи во Баница.


[1284] California Ladies Magazine, November 1903, 7.

[1285] *Македонија во странскиот печат*..., 488-489; (*Њујорк тајмс*, 2 мај 1903).

[1286] Гоце Делчев не бил основач на Организацијата во 1893 год. Тој се приклучил во редовите на МРО во 1894 год.

[1287] МРО е формирана на 23 октомври 1893 год.

Многу е веројатно дека смртта на овој смел водач ќе го парализира револуционерното движење во Македонија.“[1288]



MACEDONIAN CHIEF'S DEATH.

A Greek Spy Betrayed Deltcheff's Whereabouts to the Turks.

LONDON TIMES—NEW YORK TIMES
Special Cablegram.

LONDON, May 26.—Detailed reports of the death of Deltcheff, the famous Macedonian chief, says the Sofia correspondent of The Times, show that he accompanied a band under Voivoda and Kirtchovsky, together with the poet Tavoroff, and entered the village of Banitza, near Seres, where his presence was betrayed to the Turks by a Greek spy.

A large force surrounded the village, and all the members of the revolutionary band were killed after a long resistance. It is stated that the inhabitants of the village, to which the Turks set fire, were also killed.

Deltcheff was thirty-two years old. He was a schoolmaster, and practically created the present Macedonian organization, which has ramifications in all parts of the country.

The Vienna correspondent of The Times says perquisitions and arrests continue in the vilayet of Adrianople. Numbers of priests and school teachers have been taken into custody. Arms have been found in six villages. The male population has fled, and agricultural work is at a standstill.


Њујоршки *Тајмс* од 1903 година известува за убиството на Гоце Делчев под наслов „Смртта на македонскиот водач“, а во текстот Делчев е претставен како „прославениот македонски водач“ и којшто е „учител и практично ја креирал Македонската организација“.[1289]

1903 год. *Ливинг еџ*, САД. „Пред 11 години беше формирана силна партија во трите провинции на Ускуб (Косовски Вилает), Солун и Монастир (Битолски Вилает), чии членови, оддалечувајќи се и од Србите и од Бугарите, од коишто беа напуштени сами на себе, испишаа на нивното знаме - *Македонија на Македонците*.“[1290]

[1288] *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 36-37; „Убиен македонски водач“. *Ивнинг њус*. Сиднеј, 27.5.1903: 5.

[1289] *The New York Times*. May 26, 1903.

[1290] *The Living Age*, Boston, feb.1903, 66;



66 *The Reign of Terror in Macedonia.*

help them. And, what was still worse, a strong party was formed eleven years ago in the three Provinces of Ueskub (Kossovo), Salonica and Monastir, whose members, turning away from the Serbs and Bulgarians by whom they had been abandoned to their fate, inscribed upon their banner the strange device: "Macedonia for the Macedonians." For the first six years this party carefully prepared the

the Macedonians Count Lamsdorff has no effective means of putting pressure. Perhaps the promised reforms would, if they were speedily enough embodied in working institutions, content the Christians of the disturbed provinces? Precisely there lies the kernel of the matter. If the promises lately lavished upon that ill-starred people can indeed be carried out, and if they really make for peace, justice and prosperity, then

1903 год. Пере Тошев.[1291] Денот на одмаздата се наближува. Многу трпеливиот и многу страдалниот **македонски народ** е веќе решен да се бори и бие, не само да рајува. Ти си прилепчанец и затоа ќе милееш за нашиот роден крај. Задолжен сум да те поканам да земеш учество на подготвуваното големо ослободително дело.“[1292]

1903 год. Македонско друштво, Атина. „Дванаесеттиот час наближува! Ние сме пред прагот на крвавата одмазда. Близу е часот кога од цела Македонија ќе одекне повикот: *Слобода или смрт*!... *Напред без страв, Бог ќе ни помогне. Блиску е крајот на страдањата, скоро ќе бликне слободата со сета своја величенственост над* ***македонскиот народ****. Да живее револуцијата*!“[1293]

1903 год. Никола Карев, војвода. Во интервјуто со претседателот на Крушевската Република, Никола Карев, за грчкиот весник *Акрополис* од 8 мај 1903 година, се вели:

- ***Македонец ли си***? - го прашувам.

- **Да**.

[1291] Пере Тошев (1865 - 1912) од Прилеп. Просветен деец, револуционер, организатор на народниот отпор, учесник во Илинденското востание и идеолог на Македонската револуционерна организација. Учесник на Конгресот во Солун 1896 год., кога станува и член на Централниот комитет. Бил уапсен во Солунската афера 1901 год., активен во Илинденското востание, а 1904 година бил учесник на Прилепскиот конгрес, како и на Рилскиот конгрс 1905 год. На Конгресот го подготвил новиот Правилник на Организацијата и повторно е избран за член на ЦК.

[1292] Миноски, М. *Пере Тошев*. ДАРМ, Македоника литера. Скопје, 2013: 269; Кондовъ, К. „Към Вардар (лични спомени от 1903)“. *Независима Македония*, 43. София, 1 февруари 1924.

[1293] Миноски, М. *Македонизмот*..., 76; ДАРМ, ф. ВМРО, к-2,б, а.е. 7.

- *И следствено Грк*?

- *За ова не знам* - ми одговори - ***јас сум Македонец***.

- *Директен наследник на Александар Велики*? - му велам иронично.

- *Да*.

- *И Александар Македонски што беше, ве молам*?

- *Не знам, но историјата вели дека бил Грк*.

- Тогаш и ти како негов наследник, си *Грк*.

- *Не* - ми одговори.

- *Значи* - тогаш го прашувам пак - *зошто кога веќе сте Грк сакате да се ослободите преку (со помош) на Бугарија*?

- *Која Бугарија*? *Мислите на Комитетот*?

- *Да*.

- *Ти одговарам дека* ***комитетот не е бугарски*** *и, второ, изгледа дека сме наклонети кон Бугарија затоа што само таа се покажува расположена да ни помогне. И Грција ако го правеше истото ќе ја прифатевме со целото наше срце*.

- *Бугарската заштита ја гледате само површински, Бугарија не сака да ве ослободи од турското ропство, туку да ве потчини*.

- *Хм! Ако Бугарија мисли да нè претвори во нејзина провинција, си направила лоша пресметка. Инаку, нас не нè интересира што мисли Бугарија, туку обрнуваме внимание само на следново: 'Си ја постигнуваме ли целта? Си ја добиваме ли нашата слобода? Но не нè интересира дали ќе нè ослободи Грција или Бугарија. Единствено што може да добие секоја една од нив е само нашата благодрност'*.[1294]

1903 год. Јане Сандански, војвода.[1295]**„**Офицерите врховисти се луѓе кои дале заклетва за верно служење на бугарскиот кнез и на бугарскта држава и тие не можат да бидат ништо друго освен слепи и послушни орудија. Ние, пак, не мислиме да ја менуваме турската тиранија, турските султани за други султани ниту, пак, за бугарската тиранија и бугарскиот кнез. Ние се бориме Македонија да стане автономна, незвисна, слободна; **Македонија на Македонците**... Зарем не е јасно? - Вие ја сакате слободата на Македонија... како

[1294] Γιωργιος Πετσιβας, Ιωανος Δραγουμη, Τα τετρατια Ιλιντεν, 553 557; *Сведоштва* ... : 138-139; *Весник*. Скопје, 22-23.7.2000.

[1295] Јане Сандански (1872 - 1915), македонски револуционер и војвода. Оваа негова изјава е дел од неговата полемика со Георги Белев, секретар на ВМОК, а суштинскта разлика меѓу ВМОК и ТМОРО.

етапа, како чекор кон идните ваши освојувња и анексии, додека кај нас, слободата, автономијата на Македонија е легална во основата, како цел. Ете каде лежи големата разлика меѓу нас внатрешните борци и вас врховистите.“[1296]



Македонски востаници, четатата на Г. Ангелов на почивка.[1297]

1903 год. Евтим Спространов.[1298] „Бевме кај Саблер, го прашуваме: *Кон кој црква да се придружиме - српска, бугарска или грчка*? - *Држете се до православието*, вели. - *Ваше Високопреосвештенство, сите се православни, кажете точно кон кои*? *Ние ќе ги слушаме, како што ве слушаа нашите татковци и дедовци*. Се насмеа иронично и поцрвене - не очекуваше така да му се одговори. Тогаш му велам: *Нели е подобро да е само **македонска православна**, а не бугарска, грчка или српска*? Му се допадна таа мисла и ја

[1296] Пандевски, М. *Јане Санднски*. Битола, 1988. 31.

[1297] И. К. Б. 333.

[1298] Спространов Евтим (1867 - 1931) од Охрид. Бил писател, историчар, хроничар на Охрид, лингвист, фолклорист контраверзна личност. Почнува како соработник на списанието *Лоза*, орган на Младата македонска книжевна дружина (1892 - 1894) и како симпатизер на ТМОРО, завршува во кругот на софиските франкмасони и протогеровци; Тодоровски, Т. *Македонија - настани, личности и дела*. Матица македонска. Скопје, 1999: 284-285.

прифати, но можат ли да се отстранат пропагандите само со надворешно влијание, ако не се исфрлат оздола?

И на Австријците им одговара таа идеја, па и Србите ќе ја прифатат, бидејќи гледаат Македонија да не е бугарска, а ако е **македонска** - нема да пречат. И Турците исто така ќе бидат задоволни, бидејќи кога ќе се отстранат влијанијата од Србите и Бугарите мислат дека ќе ја зачуваат својата целост и ќе немаат тие нереди и полесно ќе дадат права.“[1299]

1903 год. Е. Спространов.[1300] „За жал, кон **македонските националисти**[1301] во последно време почнаа да се придружуваат и луѓето на Организцијата. Ако од тој аспект погледнете на проблемот, ако ја земете организационата и ударната сила на Организацијата во служба на **македонското национално движење,** дури тогаш во вистинската светлина се јавува **опасноста за бугарското дело во Македонија**. Со сигурност знам дека кон **македонските националисти** се придружија и **македонските револуционери Димитар Мирасчиев, војводата и четникот Јордан Ангелов**. По сè изгледа, наскоро ќе им се приклучат и некои од **лидерите на Организцијата**[1302]

1903 год. Евтим Спространов.[1303] „Би сакал Македонија да биде исцело присоединета кон Бугарија, но сум свесен дека во сегашниве услови тоа не може да стане. Затоа, во моментов сум приврзан кон идејата за нејзина политичка автономија. Го знам и тоа, господин претседател, дека една автономна **Македонија со текот на времето неминовно ќе се развие во македонска национална држава** и засекогаш ќе биде загубена за Бугарија. Пишувајќи Ви ги моиве лични сфаќања за иднината на мојата татковина Македонија, ги имам предвид големите опасности што се кријат во сепаратистичкото национално движење меѓу дел од македонската интелигенција, коешто зад себе влече и македонски народни маси, особено во југозападниот

[1299] Спространов Евтим, Дневник, том 1, 280 – 281; Сведоштва за македонскиот идентитет (XVIII – XX), ИНИ, Скопје, 141.

[1300] Писмо на колебливиот Спространов до претседателот на бугарската влада Рачо Петров од 6 декември 1903 год., во кое, пред премиерот ја открива вистинската слика за намерите на Македонската револуционерна организација, односно на нејзините членови кои се борат за посебна македонска национална идентичност.

[1301] Се мисли пред сè на основачите на Македонското литературно друштво во С. Петербург: Стојан Јакимов Дедов, Дијамандија Мишајков, Крсте Мисирков, Димитрија Чуповски и др.

[1302] Димевски, С. „Две писма на Ефтим Спространов до бугарската Влада“. *Разгледи*, XV (XXI): 1-2 (300-01). 1973: 734.

[1303] Писмо на Е. Спространов до бугарскиот премиер Рачо Петров.

дел на Македонија, со центар во Охрид, Ресен, Битола, Прилеп... Ако притоа додадам дека пропагаторите на македонскиот сепаратизам се зафатиле мошне студиозно и со ентузијазам да печатат книги, речници читанки, **историски учебници и граматика на македонски јазик**, тогаш можете да ја сфатите пореално опасноста за бугарштината во Македонија. Убеден сум дека за мошне кратко време, освен тенкиот слој македонската интелигенција школувана во бугарските училишта, народот ќе го отфли бугарскиот јазик и ќе го прифати **македонскиот**, **односно мајчиниот**, бидејќи ќе нема потреба да го учи како што тоа со мака го прави со бугарскиот јазик... Принуден сум да признам и самиот дека сепаратизмот што се шири во Македонија можеби во мемонтов е единствениот излез за мојата татковина.

Вашите забелешки дека не сум ѝ служел чесно на државата од којашто сум примал плата посебно ме жалости. Колку што се однесува за моето пишување по списанијата и весниците на македонско наречје, тоа го правев со единствена цел да се приближам до сепаратистите за да можам поподробно да се запознам со нивната дејност. Ако притоа резултатот од таквата моја дејност го оценувате како штетен за бугарското дело во Македонија, јас не сум виновен, бидејќи тие спианија и весници ќе излегуваа на **македонското наречје** и без моите статии и творби, како што и сепаратистичкото движење и натаму ќе се шири, го сакале тоа ние или не... Ако од тој аспект погледнете на проблемот, ако ја земете организациската и ударната сила на Организацијата во служба на **македонското национално движење**, дури тогаш во вистинска светлина се јавува опасноста за бугарското дело во Македонија...

Ваквиот развиток на настаните во врска со **македонското национално движење** не треба да ве чуди, господин министер-претседател, бидејќи семето за политичка **автономија на Македонија** е фрлено многу одамна, и тоа е **лозинка на секој Македонец**. **Како логична последица на таа политичка автономија доаѓа и нејзиното комплетирање со национална и јазична автономија**.“[1304]

1903 год. Стојан Донски, војвода.[1305] „Од пролетта 1903 година Стојан Донски и неговите другари се спремаа за одење[1306] и од дрвените сандаци

[1304] Спространов во својот дневник, Ристовски, Б. *Историја на македонската нација*..., 310, 311-312, 313-314.

[1305] Изјавата на Стојан Донски е според сеќавњата на Станислав Краков, познат српски деец, револуционер и писател.

[1306] Се мисли за одење од Србија во Македонија.

украсени со огледалца ги извадија своите комитски одела извезени со гајтани и ги исчистија пушките и редениците... д-р Гоѓевац забележал на нивните капи **на кои околу македонскиот лав биле зборовите ’Свобода или смртъ‘.** Од Донски слушна дека им ги испратиле од Софија. Го праша зошто не носат натпис: ’СЛОБОДА‘, кога во нивниот крај така се изговара, туку бугарски: ’СВОБОДА‘. - *Тако нам дадоше, што да праиме* - се согласил Донски на предлог од докторот да им се заменат знаците. Доктор Гоѓевац отишол кај кујунџијата Крста Пашковиќ и му нарачал 300 посребрени плакети ***Слобода или смрт...***“[1307]

1903 год. Дамјан Груев, војвода. Обраќање на Груев до српскиот дипломат Света Симиќ: „Ако има некој во Бугарија кој сонува за проширување за сметка на Македонија, тоа може да биде само кнезот Фердинант. Затоа нам, на **македонските револуционери**, не ни се потребни никакви граници од страна на Бугарите, но ниту, пак, ни се потребни такви од страна на Србите. Да се постигне вашата спогодба со Бугарите, а да се прекине секоја натамошна националистичка пропаганда и да се запрат денешните непријателства меѓу српските, бугарските и **македонските чети.** “[1308]


ГОЛѢМОТО МАКЕДОНСКО ВЪЗСТАНИЕ ВЪ 1903 Г.
II-ра рота на Георчевата чета, (въ която влиза и Дебърската).

[1307] Краков, С. „Пламен Четништа“. *Време*. Београд, 1930: 68.

[1308] ДАРМ, мф. 737, ДА ССИП; ПП, 1905 бр. 146: *Зборник: Даме Груев*. 1981: 66, 67, 69.



Две разгледници со првата и втората чета на војводата Ѓорче Петров снимени 1903 година за време на Илинденското востание, коешто авторите на разгледниците го именуваат како „Големото македонско востание“.[1309] Во 1905 год. Ѓорче Петров за востанието напишал: „За националистите во Бугарија, кај нас востаната Македонија, е гробница за бугарскиот национален идеал.“[1310]

1903 год. Тома Поп Николов, илинденец.[1311] „Во неговото интервју за лондонскиот весник *Дејли њуз*, на прашањето од новинарот: - *Што е тоа неповолно за македонската кауза што лошо се сфаќала во Европа*? Тома Поп Николов: ***Македонија за Македонците - не за 'Велика Бугарија', е нашиот идеал*** - рече борецот Тома Поп Николов... *Така, гледате дека ние веќе направивме извесен почеток со привремена Влада на Македонија. Нашиот идеал е **Македонија на Македонците** и за него ние се бориме. Јас се надевам дека ова вие ќе ѝ го кажете на вашата англиска јавност. **Востанието е македонско**; вистинските ефикасни чети се **македонски**. Четите не доаѓаат од Бугарија. Тие доаѓаат од **македонскиот народ**. Тие ќе*

[1309] Сериски броеви на разгледниците 5255 и 5256.

[1310] Петровъ, Г. „Мисли върху революционата борба въ Македония и Одринско“. *Македонски прегледъ*, 1, 7. 1905: 104; Миноски, М. *Македонизмот*..., 98.

[1311] Поп Николов Тома, член на Кичевскиот револуционерен комитет и на Битолскиот окружен комитет, учесник на Смилевскиот конгрес и на Илинденското востание.

*продолжат да доаѓаат сè дотогаш додека **македонскиот народ** ќе го поднесува лошото владеење на Турците*.“[1312]

1903 год. Весник *Осака Маиничи Шинбун*, Јапонија. „Повикувајќи се на вестите што доаѓаат од Лондон, востанието сè уште се шири, а згора на тоа е извршен и атентат врз рускиот конзул. Востаниците се составени од: **Македонци**, Бугари и Албанци, додека за најважна личност се смета Борис Сарафов, кој е голем револуционер и сега иднината на Македонија зависи од него.“[1313]

1903 год. Весник *Реформи*. „Борбата во Македонија предизвика такво воодушевување во срцата на многумина младичи во странство, што некои од нив решиле да ги остават и коските за слободата на херојските **Македонци**. Такви борци се јавиле од Чешка, од Одеса и други места. Дури и еден потпоручник од српската армија, родум **Македонец**, ја напуштил војската и влегол во редовите на **македонските востаници**. Јавуваат од Италија дека некои од италијанските гарибалдинци се готвеле да се борат за слободата на Македонија.[1314]

1903 год. Иван Шишманов, Бугарија.[1315] „По десет години, ако Македонија стане автономна, таму нема да постојат ниту Бугари, ниту Срби, ниту Грци, ќе постојат само Македонци. Тие ќе имаат многу заеднички политички интереси, особено економски, што треба да ги создадат со својата неуморна работа ако сакаат да бидат независни од државите што се понапредни од нив и чие производство би го уништило нивното. **Значи, Македонија ќе биде независна и Македонците ќе останат Македонци. Ако Европа го мисли спротивното, таа греши; ако Бугарите сметаат на бугаризација на Македонија, тоа се илузии**.“[1316]


[1312] *Документи за борбата…*, том 1: 430-431; J. M. „Macedonian Rising“. *Daily News*. London, August 12. 1903: 12.

[1313] *Osaka Mainichi Shinbun*, 14.8.1903.

[1314] *Реформи*. София, 36: 16.7.1903; *Странскиот печат за Илинденското востание*. Скопје, 1953: 72.

[1315] Бугарски министер за образование, академик, историчар, писател, политичар, фолклорист.

[1316] Матковски, А. *Македонија во делата* ... : 169-170; (Routier, G. *La question macédonienne - on doit au people la vérité*. Paris, 1904).



GASTON-ROUTIER

La Question Macédonienne

Un homme éminent, savant très distingué, le docteur Schichmanof, qui est ministre de l'instruction publique en Bulgarie, me disait au cours d'une longue conversation : — « Dans dix ans d'ici, si la Macédoine devient autonome, il n'y aura plus là-bas ni Bulgares, ni Serbes, ni Grecs ; il n'y aura que des Macédoniens. Ils auront trop

Книгата *Македонското прашање* од Гастон Рутие и изјавата на бугарскиот академик Шишманов од 1903 год.: „По десет години, ако Македонија стане автономна, таму нема да постојат ниту Бугари, ниту Срби, ниту Грци, ќе постојат само Македонци.'.

1903 год. Григор Начович, Бугарија.[1317] „**Македонците** се стремат кон слободен живот, одделен од Бугарите и Кнежевството. Како што ние станавме против Русите и сме против нивните завојувачки планови така и **Македонците се против санстефанска Бугарија**. Тие сакаат македонска автономија... Каква полза ќе има Портата од војна со Бугарија? **Македонците и по војната пак си останууваат Македонци**. И по војната тие ќе продолжат со своите атентати во вилаетите со уште поголема сила. Дури и да допуштиме дека господството на султанот ќе се поврати засекогаш до Дунав, **Македонците пак ќе креваат свои востанија**... Дали не е подобро да ги задоволите **Македонците**?... Направете реформи, дајте им една татковина, а тие тогаш ќе се оддалечат од Австрија и ќе станат наши и ваши пријатели, добри патриоти, готови да ја пролеат својата крв против Австрија, дури и против Бугарија.[1318]

[1317] Бугарски дипломатски претставник во Цариград.

[1318] Ѓорѓиев, В. *ВМРО 1893-1903: Поглед низ документи*. Скопје, 2013: 403, 404, 408.

1903 год. Хенри Брејлсворд, Велика Британија.[1319] Според него, во Ресен тој сепак препознава во Илинденското востание дека тоа, всушност, е „**чисто македонско движење, подготвено од Македонци** и водено потпомогнато од страсната симпатија на огромното мнозинско население...“[1320]

1903 год. Апел на македонските комитети од Њујорк. „Од болките и од сиромаштијата резултираше востанието во Македонија, тоа беше крајност. Четриесет илјади **Македонци** беа принудени да ја преминат границата во Бугарија.

Активната агитација на **македонските револуционери** крена на востание дел од **македонскиот народ**. Турските власти се обидоа да ја задушат револуцијата со крајна жестокост на надмоќните сили. За правата и неправдите на **Македонците** ние сега не сме заинтересирани, но ние не можеме да бидеме незаинтересирани да им помогнеме на тие човечки суштества и сродни христијани...“[1321]

1903 год. Дамјан Груев, војвода. Обраќање до Хилми-паша пред неговото назначување за главен инспектор во Македонија: „Досега сте можеле да се уверите дека **Македонците** си стојат на зборот и Вам, имено Вам, би Ви следувало да ги научите од нас правилата на воена чест... Ние не очекуваме помош од Европа. Ние се надеваме со нашите сопствени сили да ги уништиме вашите храбри војници и можеби не е далеку часот кога над облеана во крв Македонија ќе засвети сонцето на слободата.“[1322]

1903 год. Весник *Обзор*, Хрватска/Австро-Унгарија. Првите успеси на востаниците многу го охрабрија населението во Македонија кое им се придружува на борците. Сите **Македонци** до неодамна само се бранеа или ненадејно напаѓаа..., а сега почнаа отворено да четуваат. Кај сите владее

[1319] Британски хуманитарец. Кога Брејлсворд населението го цени според делата и нивната кауза, тогаш тој нив ги нарекува Македонци и покрај тоа што не успеал докрај да проникне во различните концепции на Врховниот македонски комитет со седиште во Софија, од една страна, и Македонската революционерна организација создадена во Македонија, од друга страна.

[1320] Матковски, А. *Македонија во делата* ... 1987: 25-32. Со текот на времето Брејлсворд еволуирал во своите сфаќања и подоцна се определил за терминот „Македонци“. Тој во 1950 година го посетил Скопје, главниот град на слободна НР Македонија.

[1321] *Документи за борбата*…, том 1: 437; Chakaloff G. N. - Shoonkoff, S. J. *The Macedonian Problem*. Philadelphia, 1904: 108-109.

[1322] Груев, Д. *Спомени: Коресподенција*..., 223; Миноски, М. *Македонизмот*..., 110.

голема воодушевеност..., народот доброволно се придружува кон востанички чети, а оние што останууваат дома им ги даваат и своите последни имоти за востаниците за нивните потреби...“[1323]

1903 год. Весник *Црвена Хрватска*, Хрватска/Австро-Унгарија. „Од сите народи кои во минатиот век се бореа за своето ослободување, ниеден не даде толку жртви, ниеден не покажа толкава пожртвуваност и истрајност, ниеден така длабоко на дело не засведочи дека сериозно ја разбирал девизата ’Слобода или смрт‘ како што досега се покажа и сè повеќе докажуваат **Македонците**...“

„Кога неодамна **Македонците** сакаа да го кренат во воздух скоро целиот Солун, најубаво се виде какви борци се тие. Колку работа требало за прокопување на јамите, колку решителност за фрлање на бомбите, а сепак тие луѓе во најтешки услови го изведоа тоа, по улиците се бореа со четите и фрлаа бомби усмртувајќи ги нив и себеси. Колку тешки маки поднесоа востаниците и од страна на Бугарија која не може да ги потпомага, и од страна на Европа, која не се меша во состојба која постои, и од страна на Русија, која не би сакала да ѝ се префрли дека активно се меша во балканските прилики...

Затоа другиот план што нас нè воодушевува и учи, што Македонците така пожртвувано го изведуваат овој план, е можеби уште поважен...“[1324]

1903 год. Весник *Меркјури*, Велика Британија. „Вестите од Салоник[1325] тврдат дека Сервет-паша со шест баталјони ја нападнал позицијата држена од страна на 3000 **Македонци** во Смилово,[1326] при што илјада од вторите биле убиени...[1327] Четиристотини **Македонци** го изненадиле селото Сетино,[1328] убивајќи 180[1329] војници.“[1330]

[1323] „Narodni ustanak u Makedoniji“. *Obzor*, 189. 27.3.1903: 2.

[1324] *Документи за борбата*..., том 1: 439; „Macedonci“. *Crvena Hrvatska*, 36. Dubrovnik. 5.9.1903, uvodnik.

[1325] Солун.

[1326] Станува збор за селото Смилево каде што во селото во август и септември имало 4 борби меѓу востаниците и османлиската војска.


[1327] Бројката е нереална. Во околината на Смилево имало околу 1000 востаници.

[1328] Сетина.

[1329] И оваа бројка е нереална. Бројот на убиените османлиски војници е далеку помал.

[1330] *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје, 62-63; („Илјада убиени Македонци“. *Меркјури*. Хобарт, 1.9.1903: 5.

1903 год. Весник *Ел Глобо*, Шпанија. „Убиствата извршени врз **Македонците**, Србите, Бугарите и Власите.“[1331]



04 Número suelto 5 céntimos. Domingo 16 de Agosto de 1903.

EL GLOBO

Diario liberal independiente.

Emilio Castelar. FUNDADOR

REDACCION Y ADMINISTRACION: MAYOR, NÚM. 6.

SUSCRIPCION

Matanza cerca de Mossul de los Yezidis, gentes completamente inofensivas.

Matanzas de los helenos en Creta y en Egipto.

Matanzas de los macedonios, de los búlgaros, de los servios y de los valacos.

Matanzas de millares de turcos en el Bósforo, arrojados á este mar, estrangulados en las prisiones ó asesinados en el destierro.

MACEDONIA: a True Endless Story…, 3 април 1903[1332]

1903 год. Јозеф Карасек, Чешка/Австро-Унгарија. „До неодамна огромните полиња беа **само македонски**, пред дваесетина години продавачите на алва и суџук по панаѓурите изјавуваа дека се **Македонци**... И широките народни слоеви се досега **Македонци**, само интелигенцијата се раздели на бугарска и српска...“[1333]

1903 год. Весник *Словенски народ*, Словенија/Австро-Унгарија. „Исто така, и бугарската Влада го изнесе своето гледиште за Македонија. Во Собранието опозиционио пратеник Страшимиров прашал зошто Владата не ги распушта македонските одбори. Страшимиров понатаму тврдел дека македонската револуција не бара бугарска помош. Востанието не е последица од турското ропство или насилства, но дека станало поради зголемената **национална свест на Македонците...**“[1334]


[1331] *El Globo*, 16 de augusto 1903.

[1332] Весникот Ел Глобо и написот за убиените Македонци

[1333] Доровски, И. „Капитоли ... : 137-138; Карасек, Ј. „Неколку зборови за Македонија и Македонците“. *Словенски преглед*. 1903.

[1334] *Документи за борбата*..., том 1: 382-383; „Iz Macedonije“. *Slovenski narod*, 31. Ljubjlana, 9.2.1903: 1.

1903 год. Весник *Словенски народ,* Словенија/Австро-Унгарија. „Некој чешки техничар, кој во последно време учествувал во борбите на македонските востаници како четоводец, зборува опширно за сегашната положба во Македонија... По негово мислење, македонското прашње мора да се разгледува од три гледишта: европско, балканско и локално...



SLOVENSKI NAROD.

O Macedoniji.

Neki češki tehnik, ki se je udeležil zadnjih bojev macedonskih vstašev kot četovedja, pripoveduje obširno o sedanjem položaju v Macedoniji, o vzrokih nevolje in o nadaljevanju vstaje. Po njegovem mnenju se mora macedonsko vprašanje opazovati s trojnega stališča: evropskega, balkanskega in lokalnega. Posebno krajevne razmere v Macedoniji so še dandanes vsemu svetu, ki toliko piše z daljave o Macedoniji, popolnoma neznane. Pred vsem je napačno misliti, da so res Bolgari tako zelo navdušeni za Macedonce. Nasprotno je res zadnji čas. Ker se priseljuje iz Macedonije čimdalje več ljudij, ki se ne upajo vrniti domov, temuč opravljajo razna dela za najnižje plače, čuti se domače bolgarsko prebivalstvo prikrajšano ter naravnost mrzi te priseljene brate. Pa tudi bolgarsko razumništvo se nič več tako ne ogreva za macedonsko stvar, odkar so Macedonci izjavili, da ne težijo po priklopljenju h kateri drugi državi, temuč radi ostanejo pod turško vrhovno vlado, le pravična mora biti ta vlada in več avtonomije se mora Macedoncem priznati. Zato pa ima dandanes vstaja v Macedoniji strogo krajevni značaj. Gre le za tem, da dobe macedonski kristjani usodo, ki bo vsaj človeška. Dandanes vladajo naravnost strašne socialne razmere. Macedonec mora plačati do 60% od vseh dohodkov turški državi kot davek, in sicer 20% od žetve, 20% zemljiščnega davka, 13% davka od vsake osebe, nadalje plača še od vsake domače živine, da, celo od perutnine poseben davek. O trgovini ali prometu ne more biti govora, ker ni cest niti poštenih potov. Dasi je dežela nenavadno bogata, tako da sta mogoči dve žetvi na leto, ne more Macedonec svojih pridelkov prodati. Vse to in pa še posebno nesposobnosti turške uprave ter grozodejstva turškega vojaštva je tiralo Macedonce k vstaji. 20.000 oboroženih vstašev je vsak čas pripravljenih za vojsko, 100.000 mož pa imajo v rezervi. Dejansko pod orožjem je dandanes 80 čet, vsaka po 256 mož močna. Orožja in streliva imajo dovolj, dinamita in bomb pa za deset let vstaje. Vsak polnoletni moški zapriseže slovesno na evangelij, handžar in revolver ter plačuje na teden svojemu poveljniku po 2·5 kr. vojnega prispevka. Iz tega se kupuje orožje, živila in druge potrebščine za vojno. Organizacija je po celi deželi naravnost izborna. Nazaj Macedonci ne morejo in tudi nočejo, zato je sedanje pomirjenje le navidezno.

Статијата „За Македонија“ во весникот *Словенски народ* (1903).[1335]

Пред сè, погрешно е да се мисли дека Бугарите толку многу се воодушевени за **Македонците**. Напротив. Од она што стана во последно време, се гледа дека сè повеќе од оние што се иселуваат од Македонија и не сакаат да се враќаат дома, извршуваат разни работи за помалку плата, и затоа домашното бугарско население е принудено да ги мрази дојдените браќа. Исто така, и бугарската Влада не е загреана за македонските работи откако

1335 https://мна.мкд/wp-content/uploads/1903.06.02_Slovenski-Narod-O-Macedoniji-Ljubljana-scaled.jpg.

Македонците изјвија дека не сакаат да се присоединат кон некоја друга држава и дека остануваат под турска врховна власт. Каква и да биде таа Влада, автономијата мора да им се признае на **Македонците**. Затоа и до денеска востанието во Македонија има такво значење. Се работи за тоа **македонските христијани** да добијат таква судбина што ќе биде достојна на човека. До денеска владеат страшни социјални прилики. **Македонецот** е принуден да ѝ плаќа до шеесет проценти од сите приходи на турската држава како данок... Оти земјата е богата потврдува и тоа дека се можни две жетви во година и **Македонецот** не мора своите плодови да ги продава. Сето тоа, а посебно неспособноста на турската управа, злодејствата на турската војска ги натера **Македонците** да се кренат на востание. Дваесет илјади вооружени востаници се готови за војна, сто илјади мажи има во резерва... Назад не можат **Македонците**, а и не сакаат, затоа и сегашното мирување е привремено.“[1336]

1903 год. Анатол Франс, Франција.[1338] „Интересирајќи се за судбината на **Ерменците** и **Македонците**, не затоа што се христијани, ами затоа што се луѓе, ние бараме, како гаранција за нивната благосостојба и за зацврстување на општиот мир, полно и целосно извршување на Берлинскиот договор, што се однесува за **Ерменија и Македонија.**“[1339]

1903 год. Гастон Рутие, Франција, француски публицист и новинар. „Колку далеку и да се враќаме во историјата, сознаваме дека Македонија секогаш била место на преминување каде што се случувале сите големи напади на Северна Европа и Азија со бранителите на западната цивилизација... Но времињата се измениле **од 1877 година**. Во тоа време **Бугарите, Србите и Македонците ќе се фрлеа во прегратките на Русија** и ќе беа спремни на анектирање доколку тоа го бараше Русија. Денес, сите националности се докажуваат со сила; националната свест е проткаена со шовинизам. Сепак, тие се нарекуваат роднини и браќа, имаат желба да се поврзат или да се поддржат, но секој од нив ја сака својата автономија.

[1336] *Документи за борбата*..., том 1: 427-428; „O Macedoniji“. *Slovenski narod*, 149. 2.VII 1903: 1-2; *Сведошта за македонскиот идентитет*..., 140.

[1338] Анатол Франс (1844 - 1924) е познат француски писател.

[1339] *Документи за борбата*..., том 1: 383-384; France, A. *Vers les temps meilleurs*. Paris, 1906, I-III; Aveline, C. „Trente ans de vie sociale“. *Vers les temps meileurs.* Paris, 1949, 1953, vol. I: 138-139.

Од времето на Стамболов Македонците ја сфатија својата грешка сакајќи да станат Бугари. Нивното размислување зеде друг тек и **нивните аспирации станаа исклучително македонски**. Нивната парола е 'Македонија на Македонците', што може да се види во нивните издадени документи.

Нивните аспирации се правилни, би рекол и законски, за да може да ги критикуваме; во својата битка за слобода Македонците не можеле да земат подобро знаме. Европа ќе се судри со голема опасност ако оваа област се подели меѓу Големите Сили. **Македонците треба да се признаат и треба да им се помогне да создадат своја автономна држава на Балканот, безбедна и цивилизирана.**

Веќе низа години се забележува раздвижување кај **Македонците**, што се потврдува со востанија, со повремени буни во Ускуб, Монастир и Солун. Од 1893 година се регистрирани низа буни и масакри, но тие се дела на изолирани групи, на авантуристички водачи и луѓе непризнати од Внатрешната организација. Оваа значајна и тајна организација, која влева страв во Македонија, не го даде сигналот за масовно востание и веројатно тоа нема да го направи сè додека за тоа не дојде вистинскиот час.“[1340]

1903 год. *Ле Темпс*, Франција. Изјавите на еден македонски шеф: „Вашиот дописник имаше можност да праша еден истакнат **Македонец** што мисли за идејата објавена во австрискиот и во германскиот печат, дека **Македонците** ја поттикнуваат Бугарија на војна со Турција.“

Нашиот соговорник жестоко протестираше.

„Не“ - одговори - „**Македонците** воопшто не сакаат да испровоцираат војна меѓу Бугарија и Турција. Напротив. Прво, воопшто не се знае дали Бугарија ќе биде победник, а потоа има и повеќе причини за да не се посакува ваква војна. **Македонците** многу добро знаат дека на крајот европски Големите Сили одлучуваат за судбината на **Македонија** и многу внимаваат да остават впечаток дека нивното востание е во интерес на едната или другата балканска држава. **Бугарско-турската војна би го обоила македонското прашање во бугарско**, што во случај на победа на Бугарија **би било погубно за македонската кауза**. Што и да се случи, Бугарија нема да биде таа што ќе го диктира мирот.

[1340] Routier, G. *La question macédonienne - on doit au people la vérité*. Paris, 1904; Матковски, А. *Македонија во делата на странските патописци*. Ѓурѓа. Скопје: 134-135.

Она што го **посакуваат Македонците е автономија** на нивната земја со интервенција на Европа во нивна корист. **Без поделба, без присоединување кон друга држава; една Македонија на Македонците, исклучиво и единствено.**

Македонците се надеваат дека ќе ја предизвикаат оваа интервенција на Европа во секој случај и по секоја цена. Навистина е можна интервенција на Европа или едноставно применетите средства да доведат до Турско-бугарска војна; **ние не сакаме таква бугарска интервенција**, но не можеме ниту да ја спречиме доколку дојде до неа како резултат на делата што ги сметаме за неопходни за да предизвикаме интервенција на Европа..."[1341]

1903 год. Виктор Берар, Франција.[1342] „Амбицијата на една мала држава, егоизмот на една мала нација, не е крајниот идеал на **Македонците**. Да се замени турското ропство со грчка, српска или бугарска зависност, за **Македонците** тоа не би била никаква добивака...


Додека солунските динамитчии со гордост му покажуваат на светот како **Македонецот** знае да умира, ние одново го чувме целиот угледен печат, сите најголеми министри и политички луѓе викаат во еден глас и жестоко однесување овие разбојници засекогаш ја дискредитираат својата **македонска кауза**.

Франција до неодамна не ги познаваше **Македонците**. Тие за нас беа Тракијци, Пеони, Склавини, див и речиси митски народ, кој живее некаде на дното, од нам, непозната земја. Ние не ги познаваме или ги презиравме, зашто за нив дознававме од пакосните белешки на старите и сегашните Грци. И, да ја кажеме вистината, ние и сега не ги познаваме. Погледнете го нашиот секојдневен печат и гледајте какви чудовишни откритија за **Македонците** и за нивната земја прават нашите журналисти...[1343]

[1341] Странскиот печат за Македонија, 683; *Ле Темпс*, 7 септември 1903.

[1342] Виктор Берар (1864 - 1931) е истакнат научник и балканолог. Повеќе негови трудови се посветени на Македонија.

[1343] *Документи за борбата*..., 385-386; La Revue de Paris, Juin 1903; „Берар за Македонија" (приредил Тодор Т. Маневиќ). *Нова Македонија*, 14, 15, 16, 17, 18, 19.XII 1972.



Една од книгите на Виктор Берар за Македонија
Pro Macedonia.

1903 год. Виктор Берар, Франција. „Порано Македонија беше растргнувана меѓу четири или пет странски пропаганди: српска, влашка, грчка ..., сите со двоен карактер, националистички и религиозен, барајќи припојување кон Грција, Бугарија или Србија..., потпирајќи се на српската, грчката или на Бугарската црква. Овие црковни национализми денес ѝ го отстапија местото на една федералистичка и револуционерна организација која би сакала да се потпре единствено на староседелскиот елемент; таа бара пристоен живот за Македонија и за **Македонците**, а при непостоење на политички права и привилегии бара барем административни реформи и посебна влада.“[1344]

1903 год. Борис Сарафов, војвода. „Во Србија и Бугарија уште не ја сфаќаат огромната важност на **македонска автономија** и затоа се борат за Бугари и Срби во Македонија. **Ние Македонците не сме ни Срби ни Бугари**. Ние сме само **Македонци** и ние сакаме слобода за нас, за Македонија.“[1345]

[1344] Bérard, V. *La turquie et L'hellénisme conteporain: La Macédoine*. Paris, 1904; *Сведошта за македонскиот идентитет (XVIII - XX век)*. ИНИ. Скопје, 2010: 161.
[1345] *Штампа*. Београд, 30.11.1903.

1903 год. Хрватска Мисао, Хрватска/Австро-Унгарија. „Ама чуј, брате, тука има много српски и балгарски песни“ - му кажувам јас. „Не са балгарски ни српски. Тази песни са наши, а **ние сме Македонци**.“ „Тоа беше одговорот на мојот Вељко. Сакав да му докажам, дека Македонците не се посебен народ, но видов, дека ќе се скараме, па го оставив.“[1346]

1903 год. Весник *Дагенс нихетер*, Шведска. „Кога, најпосле, огнот го допре и балканското буре со барут, тогаш **македонскиот словенски елемент покажа дека националната свест можела и во него да се разбуди**.“[1347]

1903 год. Устав на Славјано-македонското научно литературно другарство.

Петроград, 16 декември 1903 год.

УСТАВ

На Славјанско-македонското научно литературно другарство во С. Петербуршкото славјанско благотворително општество.

Член 1.

Славјанско-македонското научно-литературно другарство во С. Петербург има за цел:

а) да развива меѓу **Македонската колонија** во С. Петербург национална самосвест;

б) да го изучува јазикот, песните, обичаите и историјата на **Македонија во етнографски** и географски поглед;

в) да ги мири и обединува сите **Македонци** без разлика на нивно образование и убедување во името на нивното исто потекло и единство на нивната татковина; и

г) да го шири сето горе кажано меѓу **Македонците** во Македонија и во странство...“

[1346] „Južni Slaveni i narodnost“. *Hrvatska misao*. Zagreb, 1903: 518.

[1347] *Документи за борбата*..., том 1: 440. *Dagens Nyhetter*. Stocholm, 21.9.1903; Јанковиќ, С. „Одглас на Илинденското востание во скандинавскиот печат“. Гласник. ИНИ, XXIII/2-3, 1979: 42.

Член 3.

За членови на другарството се примаат **Македонците** и **Македонјанките** што живет во С. Петербург (**Словеномакедонци**, Власи, Грци и Албанци)...

Член 12.

Разговорот во Другарството ќе се води на **македонски јазик** (словеномакедонски); рефератите и протоколите ќе се пишуваат исто така на овој јазик.

Член 13.

Со цел да се распрострнуваат идеите за солидрност и духовно обединување на сите Словени, без разлика на религијата и народноста (Руси, Полјаци, Срби, Чеси, Бугари и др.), Другарството им дава можност на последниве на неговите собранија да читаат своите реферати и да дискутираат по повод прочитаното само на сесловенскиот јазик - рускиот...

Член 21.

Другарството ги смета за свои патрони светите **словенски** рамноапостоли Кирил и Методија. [1348]

[1348] *Документи за борбата*..., 448-449.




Крсте Петков Мисирков

1903 год. Крсте Петков Мисирков. „Само **одделното македонско национално самознаајње** кај нас ни даат морално прао да се бориме против барањето на малите балканцки држаи, да се разделит нашата таткоина, и да се бориме против пропагандите што готват почва за дележ...

Није видофме колку сет народните интереси тесно врзани со јазикот, а последнијот со карактерот и дуот народен. Није видиме сега, оти три национални и регионални пропаганди во нашата таткоина се борат једна против друга и сите заједно се борат против нас и нашите интереси, сакајки да им нанесат смртен удар и да си ѝ потчинат под себе, зимајчи со таја целља религиозното и сколијцко работење кај нас, во своји раци преко црквата и сколијата за да нанесат смртен удар на нашата народност, ни налагаат на нас нивнијот, наместо нашијот јазик. Народните интереси ни налагаат за да ѝ заштчитиме ниф, да браниме нашиот јазик от пропагандите...“[1351]

[1351] *Документи за борбата…*, том 1: 450:457; Мисирков, К. П. *За македонцките работи*. София, 1903.


К. П. Мисирковъ.

ЗА МАКЕДОНЦКИТЕ РАБОТИ

СОФИЯ,
Печатница на „Либералний Клубъ"
1903.

Иако непријателите на Крсте Петков Мисирков ги откупуваа примероците на оваа книга за да ја уништат, *За македонцките работи* од 1903 година прерасна во своевидна „Библија" и завет за сите генерции на Македонци. Нејзината содржина ни укажува дека речиси ништо не е сменето на Балканот и низ Европа во односот кон Македонија и по 120 години, па книгата не изгубила од својата актуелност ниту во 2020 година.

1903 год. Јордан Ангелов, илинденец.[1352] „Димитар Мирасчиев[1353] се зближи со Мисирков и обајцата се согласија кон политичкиот автономен принцип за **слободата на Македонија** да се додаде **националната и јазична**

[1352] Јордан Ангелов (1874 - ?) од Прилеп. Член на МРО од 1895 год., бил учител во повеќе градови низ Македонија, во илинденскиот период бил комита и војвода и близок соработник на војводата Димитар Мирасчиев.

[1353] Димитар Мирасчиев (1872 - 1917) од Штип, македонски револуционер, учествувал во Мелничкото востание, во МРО покрстен од Дамјан Груев. Во Виничката афера бил уапсен и спроведен во затвор во Подрум Кале, Мала Азија. Во Илинденското востание бил војвода во Паланечко. По востанието се приклучува кон социјалистичката група на Васил Главинов. По Младотурската револуција во 1908 година работел како уредник на весникот *Конституциона зора*. Од политичкиот живот се повлекол во 1913 год.

автономија, преку започнување на издавање книги и весници на чист **македонски јазик**. Кон оваја идеја се приклонив и јас... Но не поминаа ни два дена, книгата беше сѐ уште во печат, во една прекрасна зимска ноќ, јас и Мирасчиев се најдовме по бели гаќи во софискиот затвор... Нѐ навредуваа дека сме сепаратисти и неблагодарници за добрините што ни се направени за слободата на Македонија...

Идејата на Мисирков не ме оставаше на мира. Со тројца верни другари започнав да го објавувам тајниот весник *Шило*. Почнав да ги критикувам сите внатрешни недостатоци на Револуционерната организација. Не ги оставив на мира ни империјалистичките стремежи на Србите, Бугарите и Грците кон Македонија. Мојата програма им се допадна на одговорните во Внатрешната револуционерна организација и заради тоа ме поставија за раководител.“[1354]

1903 год.[1355] Македонски комитети во Њујорк, САД.

Плач од Македонија.

Тоа што го виде Павле во духот, визијата на човек од Македонија кој го молеше да му помогне на неговата земја, тоа ние сега го имаме пред нас. Од болките и од сиромаштијата резултираше востанието во Македонија. Тоа беше крајност. Четиресет илјади **Македонци** беа принудени да ја минат границата на Бугарија. По извесно време во Македонија останаа бездомници Нивните добици и посеви се уништени, упропастени од гладот и студот. Секој од блиските сакаше да помогне во таа состојба што ги надвладеа во оваа несреќна земја во последниве две-три години и повеќе. Активната агитација на **македонските револуционери** крена на востание дел од **македонскиот народ**. Турските власти се обидоа да ја задушат револуцијата со крајна жестокост на нејзините надмоќни сили. За неправдите и правата на **Македонците** ние сега не се интересираме. Но не можеме да не бидеме заинтересирани да им помогнеме на тие човечки суштества и сродни христијани; на нивните жени и деца кои на илјадници најбезмилосно ќе гинат ако не се христијанска Европа и Америка да ги спасат.

Од Комитетот во Њујорк:

Сет Лоу, поранешен градоначалник на Њујорк; Х. Ц. Потер; Едвард С. Ендрјус, Бискуп; Ц.С. Криген; Хенри О. Двајт; Чарлс Х. Паркхарст; Џон С. Потерс;

[1354] Свещ. Юр. Ангеловъ, „Спомени околу издавањето на книгата ’Што сме напрайле и што треба да парайме‘ од К. Мисирков на македонски език“. *Македонско знаме*, 61, София, 9.9.1946: 2; Ристовски, Б. *Димитрија Чуповски, 1878 - 1940*. Скопје, 1978: 260-261.


[1355] Септември 1903 год.

Хајес Вард; Морис К. Џесап; Роберт С. Мак-Артур; Џон С. Кенеди; Гео В. Викершам; Еверт . Велер.

Од Комитетот во Филаделфија:

Почит. О. В. Витакер, почит. А. Макеј Смит; Цирус Д. Фос; бискуп; Лојд В. Томкинс; Чарлс Вуд; Кер Бојс Тупер; Мервин И. Екелс; Џемс Крауфорд; Талбот Вилјамс; Џон Вајнемејкер; Џон Х. Конверс; Луис Х. Рендер; Рудолф Блакенбург; Френк Карсон.“[1356]

1903 год. Весник *Сан Франциско кол*, САД.[1357]



For a long time there have been stories that the Russians are backing up the Bulgarians, and the Albanians evidently believe it, for when they rose in arms their first attack was made upon Russian consulates. There appears, however, every reason to believe that the Russians are as eager as any one else for the maintenance of peace at this time and have done all in their power to keep the Bulgarians quiet. Meântime Bulgarians, Macedonians and Albanians alike seem determined to fight, and it appears the Turks are not at all unwilling to take a hand. Thus we are getting reports of all kinds of atrocities committed by bands of one party or the other.

The one clear feature of the situation is that the Sultan is unable to carry out peaceful reforms and no other power is willing to undertake the task. It is a bad muddle all round, and in the end Europe may be forced to give the Sultan a free hand to send an army into the country to make a desert and call it peace.

Весникот *Сан Франсиско кол* известува за состојбите на Балканот пред Илинденското востание. Во написот се наведува дека Русија ги поддржува Бугарите и Албанците да се кренат на оружје и „во меѓувреме Бугарите, **Македонците** и Албанците изгледаат решени да се борат...“

[1356] Миноски, М. *Соединетите Американски Држави и Македонија 1869 - 1919*. АМ. Скопје, 1994: 148-149; Stephanove, С. *The Bulgarians and Anglo-Saxonodom*. Ber, 1919: 108-109.

[1357] *Sun Francisko Call*, Volume 93, Number 130, 9 April 1903.

1903 год. Весник *Њујорк тајмс*, САД.

The conspiracy referred to is said to have for its object the overthrow of Prince Ferdinand of Bulgaria and his Cabinet.

A Bulgarian, a Servian, and a Macedonian have been arrested at Sofia, and a judicial inquiry is now in progress. The members of the court are endeavoring to ascertain whether there orcally was a conspiracy to overthrow Prince Ferdinand and his Government, or whether one of the prisoners has concocted the story of the alleged conspiracy in order to be revenged, for some fancied injury, upon his two fellow-prisoners.

„Бугари, Срби и **Македонци** беа уапсени во Софија...“[1358]

1903 год. Весник *Вашингтон тајмс*, САД. „Во Бугарија..., вистина е дека оваа земја има силни симпатии за македонското движење. Речиси половина од населението се **Македонци**, по род и потекло...[1359]

It is true that this country strongly sympathizes with the Macedonian movement. Nearly half the population is Macedonian, either by birth or origin.

Вистина е дека оваа земја силно сочувствува со македонското движење. Речиси половина од населенеието се Македонци според нивното раѓање и потекло.

1903 год. *Њујорк тајмс*, САД. „По едно долго ноќно патување специјалниот дописник за *Тајмс* во Македонија успеал да стапи во контакт со водачот на **македонските револуционери**...

Единствена надеж на револуционерните водачи е да се продолжи сегашната нарушена состојба на нештата со цел да ѝ се докаже на Европа дека Турција, и покрај огромните сили кои ги ангажирала да го задуши бунтот, не е

[1358] *New York Times*, February 12, 1891.


[1359] *The Washington Times*, maj 1903; Macedonia: s *True Endless Story*… 18 јули 2019.

во состојба да го реши македонското прашање. Тие се убедени дека тогаш Силите ќе ја натераат Портата да им ја додели бараната автономија...

Тие велат дека Турците ги масакрирале сите **Македонци** од машки пол осомничени за симпатии кон бунтот...“[1360]

1903 год. А. В. Амфитеатров, Русија. „Салоники или Солун се вика древновизантискиот град, административен центар на Турскиот Вилает, населен со Словени - Македонци, Срби, Бугари, Грци, Албанци, Куцовласи, Турци и Роми. Градот лежи на брегот од грчкото Егејско Море, а три четвртини негови жители се Евреи кои меѓу себе говорат на шпански јазик.

Освен вистинските господари на Солун, во градот не може да се пресметаат ловците, кои мечтаат да бидат негови стопани, врз основа на историско или национално територијално проширување. Грците фантазираат дека е Солун грчки, Бугарите - бугарски, Србите - српски. **Македонците** - националисти, се надеваат да видат во Солун нов Белград, нова Софија - престолнина на својата идна автономија...“[1361]



Книгата на рускиот публицист А. Амфитеатров *Земјата на раздорот* од 1903 година, во која авторот лично сведочи дека Македонците се посебен народ, одделен од Бугарите и Србите и дека не припаѓа на оние руски научни авторитети кои за пари работаат за интересите на шовинистичките пропаганди на балканските држави.

[1360] *Македонија во странскиот печат*..., 508-509; *Њујорк тајмс*. „Плановите на Македонците: Дописникот стапува во контакт со бунтовничкиот водач“. 21 октомври 1903.

[1361] Анфитеатров, А. В. *Земја на раздорот*. Македонска книга. Скопје, 1990: 69.

1903 год. Кирилов, Русија.[1362] „Положбата во Македонија е зачудувачка; целата земја е покриена со илјадници училишта и други различни образовни институции: бугарски, српски, романски, грчки, а исто така, и различни мисионерски (американски, француско-католички, германско-протестантски), италијански, турски итн.

Таквата легија на училиштата создаде сеопшта висока грамотност кај македонското население, ја разви неговата самосвест, создаде нова македонска интелигенција со најразлични националистички стремежи... Но Турците го нашле одличниот сојузник во страсното национално непријателство и во меѓусебната борба на различните христијански народности, која секоја од нив поединечно ја остава без сила.

Бугарија, Романија, Србија и Грција љубоморно ја чуваат Македонија од заемните аспирации врз неа: нивните пропаганди во Македонија имаат национално-егоистичен карактер - или таа цела да биде припоена кон нив, или барем дел од неа да се откине... Големите држави исто така се грижат за своите интереси отколку за судбината на македонските народи... Така, при сегашната положба, при новите услови за живот, **Македонците**[1363] немаат од каде да очекуваат помош. Освен тоа, тие апсолутно не сакаат нивната земја да биде поделена и распределена меѓу соседните држави. Затоа **Македонците** во последните години ја оформија кај себе мислата дека треба да го засноваат ослободителното дело врз територијални начела и да ја создадат Внатрешната македонска револуционерна организација спротивно на Македонската организација во Кнежевството, која ги следи исклучиво бугарските национални интереси... Со тоа Бугарите - Македонци[1364] не само што не ги насочуваат против себе и против ослободувањето на нивната земја другите христијански народности, туку, напротив, се обидуваат да ги релативизираат националистичките страсти и непријателства, да ги обединат раководителите на различните народности во една организација и да ги насочат заедничките сили кон борба со пречките за ослободување.

[1362] Авторот на опсежната новинарска статија дава голема анализа за историјата на македонското ослободително дело од 1878 до 1903 година, со посебен осврт на дејствувањето на странските пропаганди во Македонија и последиците од тоа.

[1363] Авторот под името Македонци ги нарекува сите Македонци без оглед на нивниот милет, ги признава нивните меѓусебни поделби и не ги препознава како посебен народ од другите балкански народи, но точно ја опишува целта на обединувањето која ја има ВМРО, наспроти врховистичката организација контролирана од бугарските власти.

[1364] Се мисли на Македонците кои верски припаѓаат на Бугарската егзархија, односно Булгар милет.

Оттука произлегува јасната формулација на Внатрешната револуционерна организација - постигнување автономија на Македонија и Одринскиот Вилает независно од соседните држави и без секаква поделба, создавање на една единствена културно-политичка единица на Балканскиот Полуостров, по името, Македонија...

Раководните кругови во Бугарија и во Егзархијата непријателски се однесуваат кон Внатешната организација, исклучиво поради нејзиниот антинационален карактер и со сите можни средства ѝ поречуваат во нејзината дејност..."[1365]

1903 год. Д. Никољски.[1366] „Сега **Македонците** се подготвуваат повторно да кренат оружје против Турција, руската дипломатија бара тие да се задоволат со мизерни реформи, а ако нема да се задоволат, тогаш Русија ќе ги препушти на судбината. Ако руската дипломатија ја смета Русија за вистинската заштитничка на Словените, зошто таа не побарала од Турција спроведување на 23-от член од Берлинскиот договор, а наместо тоа да предложи толку мизерни реформи. Русија ги заплашува **Македонците** со турскиот колеж, но оваа закана не ги плаши, бидејќи тие навикнаа на секојдневните колежи и сакаат да завршат со тоа еднаш засекогаш. Русија може да остане мирен набљудувач на колежот и 'да не пролее ниедна капка крв'. Бугарите имаат доволно своја крв. Нека не се грижат Русија и Европа за **Македонците**..."[1367]

1903 год. Војдан Чернодрински.[1368] „**Македонската театарска група** чиишто членови се младинци - **Македонци** со универзитетско и гимназиско образование, сфаќајќи ја несносната положба во која денес се наоѓаат нивните браќа бегалци од Македонија, реши да ги пропатува сите словенски краишта, да дава претстави од **македонскиот живот** и на **македонски јазик**, сакајќи на тој начин да ги запознае сите словенски братски народи со животот на нивниот брат - робот."[1369]

[1365] *Македонија во странскиот печат*..., 406-425; Кирилов, „Македонските револуционерни организации во Бугарија и Турција". *Журнал Рускии Вестник*, 1903.

[1366] Руски дипломат и општественик.

[1367] *Руски документи за Македонија* ... : 247.

[1368] Војдан Чернодински поднел молба во Софија, до дипломатското претставништво на Србија, за согласност да дава претстави во Србија.

[1369] Лапе, Љ. „Ехото на илинденските настани во извештаите на српските на српските дипломатски претставници во Бугарија". *Гласник*, 2. ИНИ. 1973: 229.

1903 год. Весник *Свето дело*. Писмо од Битола: „**Ние сме Македонци** и советите на некаков бугарски министер за нас не вредат ништо!“[1370]



които сж адресирани? — А това е станало. Когато българския княжески агентъ въ Битоля е поканилъ нѣкои първенци, за да имъ съобщи окржжнитѣ на своя министъръ, тия първенци се изсмѣли високо и казали: „Ние сме македонци и съвѣтитѣ на нѣкакъвъ български министъръ за насъ не струватъ нищо.“ Пъкъ тия страшни и ядни думи сж казани отъ

MACEDONIA: a True Endless… 18 април 2020

1903 год. Весник *Балкан*. „Признавање на македонските Словени од страна на Турција како одделен народ, со одделен литературен јазик што рамноправно со турскиот ќе стане официјален јазик во трите вилаети во Македонија - Косовскиот, Битолскиот и Солунскиот и признавање на самостојна Македонска црква.“[1371]

[1370] *Свято Дѣло*. Кюстендилъ, год. I, март 1903.

[1371] *Балканъ*. София, 12 ноем. 1902.

1903 год. *Ди цајт*. „Во Македонија се работи за еден народ кој го користи правото за самоопределување, она право која ја измени темелно картата на Европа во XIX век... **Македонците,** всушност, не бараат ништо друго, туку навистина многу помалку од она што го остварите пред нив Грците, Србите, Бугарите...“[1372]

1903 год. Весник *Реформи*, Бугарија. „Борбата во Македонија предизвика такво воодушевување во срцата на многумина младичи во странство, што некои од нив решиле да ги остават и коските за слободата на херојските **Македонци**. Такви борци се јавиле од Чешка, од Одеса и други места. Дури и еден потпоручник од српската армија, родум **Македонец**, ја напуштил војската и влегол во редовите на македонските востаници...“[1373]

1903 год. Јон Драгумис, Грција.[1374] „Комитетите им покажаа[1375] слика за слободата. Во православните села комитетите и четите велат ’**Македонија на Македонците‘**, не ги принудуваат од првиот момент да станат шизматици, ниту да ги напуштат грчките училишта и да прават бугрски. Овие не бараат бугаризам, овие бараат автономија, и за да ги убедат уште повеќе дека ја кажуваат вистината, ги уверуваат дека и Грција е подготвена со Бугарија и со другите и дека го подржува востанието.“[1376]

1903 год. Јон Драгумис, Грција. „Значи поголем дел од **Македонците** ќе се кренат...[1377] Нив не ги интересира грцизмот... Туку кутрите ниту Б.[1378] ја сакаат, ниту Гр.,[1379] тие ја бараат само својата слобода, таа ги привлече и ги инспирира.“[1380]

[1372] *Die Zeit*, 1.10.1903.

[1373] *Реформи*, 36. София. 16.8.1903; *Странскиот печат за Илинденското востание*. Скопје, 1953: 72.

[1374] Писмо на Јон Драгумис (1878 - 1920), грчки дипломат и политичар, еден од организаторите на грчката пропаганда во Македонија, до Павлос Мелас (писмото е преземено од изданието на Георгиос Пецивас, кој правел одредени интервенции и испуштил некои делови од оргиналниот текст).

[1375] Се мисли на Македонците.

[1376] ΓιωρΥιος Πετσιβας, Ιωανος ΔραΥουμη, Τα Τετραδια του Ιλιντεν, 19; *Сведоштва* ... : 135.

[1377] Се мисли на кревање востание.

[1378] Бугарија.

[1379] Грција.

[1380] Истото, 5.

1903 - 1913 год. Евиденција на грчкиот училиштен интернат во Битола, Грција.[1381] Според оваа евиденција, стипендистите говореле на „влашки“, „грчки“, „грчко-влашки“, „албански“ и на „**македонски.**“[1382]

1903 год. Весник *Мале новине*, Србија.

„ВПЕЧАТОЦИ ОД СОФИЈА

Голем огномет. Уште во сабота наутро (14 дек.) низ Софија се пронесе гласот дека за таа вечер се подготвува голем огномет кои специјално ќе го приредат **Македонците** на г. гроф Ламздорф. Се сомничи да бидат некои пречки, бидејќи се зборуваше дека властите не се расположени за тоа, бидејќи би можело да се смета за надразнување и предизвикување на Турција кога посебно македонските емигранти приредуваат огномет... Околу 6 часот вечер се собраа околу 2-3 илјади луѓе и сè уште доаѓаа непрекидно од сите страни. Најмногу беа **Македонци**, но имаше доста народ и од Софија, па дури и од околните места. Околу 7 часот сета оваа огромна маса, можеби преку 4 илјади луѓе, крена низ трговската улица право кон дворецот... Имаше преку 700 бакли, а ги носеа сите само **Македонци**. Така со музика и со непрекинати громогласни извици ’Ура‘ сета оваа маса на свет навлезе во градината на кнежевскиот дворец и тука пред дворецот се запрела и средила.

Малку потоа на балконот од дворецот се појавил светлиот гроф, кого го поздравија со бурен восклик. Грофот одговараше со климање на главата на сите страни. Потоа настана тишина, а од масата се истакна **Македонецот** г. А. Наумов, кој со звучен глас ја започна беседата:

Ваша светлост!

Македонско-едренската емиграција од престолнината, на која, во овој момент, духовно се придружуваат сите нејзини браќа каде и да живеат, доаѓа да Ве поздрави со добро ни дојдовте во престолниот град на Бугарија, која, благодарејќи на августејската волја на блажено упокоениот

[1381] Грција поддржувала интернати за млади луѓе во кои децата од Битолскиот Вилает се стекнувале со грчко влијание. Во таа насока, во Битола постоел централен машки интернат. Тука се водела евиденција за бројот на учениците, нивното потекло, но и за јазикот на кои тие зборувале.

[1382] Јовановски, Д. „Пред Коминтерната“. *Зборник на трудови од Научната конференција одржана на 13 и 14 декември 2016 во Скопје*: *70 години Институт за национална историја*. УКИМ - ФЗФ. Скопје, 2017: 84; Стојановски, С. - Љоровски, Д. *Појавата на македонскиот протонационализам: Употребата на терминот македонски јазик во грчките извори од почетокот на XX век*, 274 (Σοφια Βουρη, Οικοτοφιες στη Μακεδονια (1903 - 1913), Αθηνα, 2005: 416-442.

цар ослободител, и со скапите жртви на великодушниот руски народ, еве веќе 25 години слободно живее и напредува на патот кон цивилизацијата, на гордост и слава на нејзиниот творец.

Светли Грофе!

Како што од секогаш било така и сега, страдањето на христијаните во еден дел на Балканскиот Полуостров наоѓаат топли сочувства во православна Русија. Лелекањата и воздишките на бедните бегалци, принудени голи и гладни на оваа лута зима да ги напуштаат своите родни огништа, пролетаа огромни пространства од Рила до Нева, и го потресоа милостивото срце на моќниот руски цар и неговиот добродушен народ..."[1383]

1903 год. Станислав Краков, Србија. По неуспехот на Илинденското востание во октомври во Скопје била одржана една тајна средба во куќа близу реката Серава. **На средбата** присуствувале војводи и борци, припадници на македонските чети - „**внатрешните и врховистите, како и српски чети"**. Нивната расправа на темата за можна натамошна заедничка соработка и борба ја дала реалната слика за состојбите на теренот и веќе јасната слика за три различни концепти за иднината на Македонија. Вака се одвивал состанокот според верзијата на српскиот автор: „Неуспехот на Крушевското востание, а во исто време приемот кој му е укажан на Пушкарев во Врање, влијаеле врз Бугарите да побараат помош од Србите за својата натамошна акција. Самите биле слаби. Барале контакт и договор. Предложиле револуционерен конгрес во Скопје. За ова е информиран Томиќ, преку граница е префрлен како делегат, повторно во монашка риза, Василије Трбиќ и состанокот е закажан. Во една октомвриска дождлива вечер... Томиќ, Трбиќ и Манчиќ влегле во една егзархиска куќа на брегот од Серава, вовлечена, оградена со високи ѕидови. Во главната одаја ги чекал Даме Груев, Кожухаров и уште неколку бугарски учители и комити. Разговорот брзо преминал во расправија, каде што се слушале високи тонови и удари врз масата. Трбиќ не се вознемирувал, мирно говорел: „Искуството кое го имавме во летошното востание покажа дека нашиот народ не бил спремен за револуција. Селанецот се одвикнал од слобода. Побуната ја гледа само како укинување на наметите и заштитата од агите и спахиите и ја разбира само како материјална помош, каква автономија на Македонија!?" Негирајќи ги **Македонците**, Трбиќ

[1383] „Утисци из Софије". *Мале новине*. Београд, 5.1.1903: 2.

подвлекувал особено дека „не треба да се создава општа македонска револуција“, а тоа според него би значело дека би работеле во своите сфери со книги и пропаганда, и би го подготвиле населението за народ кој не постои. Трбиќ и Томиќ „со викотници и карање предложиле поделба на интересни сфери српска и бугарска“. На тоа војводата Кожухаров „скокнувајќи бесно со нога ја превртел софрата. Остатоците од кафето и ракијата се истуриле преку сеџадето“ и извикал: „**Маќедонија е една. Не се делит!“** Повикал заканувајќи се со тупаница. Груев признал дека „населението не е способно за револуција, но треба да се воспита“. Трбиќ се смешкал лукаво: „Добро, а на кој јазик ќе го воспитуваме овој народ? Како ќе зборува во училиштата. Тоа може да биде само српски или бугарски јазик, бидејќи македонскиот јазик не постои“. Бугарските претставници беа разјарени: „На бугарски!... ќе се работи на бугарски, а Србите ќе помагаат.“ Но **автономистите реагирале** на овој разговор: **„Автономија“ - викаа другите веќе засипнати.** Во чадот и миризбата на истурената ракија не се знаеше ни кој што зборува. **Комитите се фатија за камите и се заканувваа.**[1384]

1904 год. Стојан Донски, војвода. Во годините пред востанието во Белград презимувале поголем број комити кои на повик на „Комитетот“ во топлиот период дејствувале во Македонија. Една од четите била на леринскиот војвода Стојан Донски. Кога војводата се сретнал во една прилика со д-р Гоѓевац, српски деец и еден од организаторите на српската вооружена пропаганда во Македонија, во разговорот Донски ја објаснил неговата борба и борбата на неговиот комитет: „**Јас не се борам за Бугарите, јас сум Македонец и се бијам за автономија на Македонија.“**[1385] Присутните комити на тој состанок „кои молчејќи го слушале говорот на својот мал, неугледен, но умен водач, со прекрстени нозе и со климање на главата ги одобрувале овие негови последни зборови.“[1386] И покрај тоа што Гоѓевац се обидувал неуспешно да ги придобије на српска страна,[1387] бил зачуден како е можно „покрај толку убиства и насилства врз Србите во Македонија, Комитетот сепак да успевал да привлече и Срби да се борат за таа идеја.“[1388] Околу Ѓурѓовден 1904 година Гоѓевац ја подготвувал првата српска чета којашто ќе се уфрла во

1384 Краков, С. *Пламен четништва*, Београд, 1930: 98-99.

1385 Краков, С. „Пламен четништва“. *Време*. Београд, 1930: 58.

1386 Истото.

1387 Истото, 61.

1388 Истото, 58.

Македонија и го убедувал војводата Донски со неговата чета да преминат на српска страна. Тие денови д-р Гоѓевац му соопштил на Донски, стариот пријател, дека нашата организација ќе врши заклетва на своите членови пред да ги упати кон граница. Стојан Донски молчеше и збунет гледаше пред себе. Беше возбуден: „**Јас веќе на Комитетот му положив заклетва**“ - и повторуваше упорно - „**не можам да ја кршам заклетвата**“. Разделувајќи се, ја стегнал раката на докторот и неговите очи биле насолзени. Сакал уште нешто да каже, но не можел. Тоа бил нивниот последен состанок. Стојан Донски отишол во Бугарија. Кога тоа лето ја преминал границата, веднаш се судрил со турската војска. Во борбата загинал како јунак.[1389]

1904 год. Андра Гавриловиќ, Србија. „Зимоска гостуваше во Белград и во некои други градови на Кралството Србија **македонската театрална група** под водство на Чернодрински.[1390] Таа прикажуваше на **македонски јазик оргинални македонски драми.** Со еден збор, имавме обиди на нова духовна култура, литература, **уметност - македонска.** Не треба да се залажуваме. Она што Чернодрински го покажа не беше жаргон, туку проба на туѓа култура, во друг свет... самата појава на неговата **македонска** продукција укажува дека се наоѓаме пред зачетоците на нова, четврта книжевност на словенскиот југ.“[1391]

1904 год. Весник *Маќедонија*, Србија. „Сарафовото создавање **Македонци** е заблуда... доколку тоа не е политички изговор. Српската младина во никој случај не може да го помага тоа, ниту како српска младина, ниту како југословенска...“[1392]

1904 год. Весник и библиотека за самообразование, Ир. - П., Русија.

„МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

...**Словените,** што ја составуваат главната маса на населението во Македонија, досега сè уште не добиле свое определено место во системот на словенските племиња и наречја; нивниот јазик (или наречје), кој се дели на неколку поднаречја и говори, вклучува во себе многу белези и од бугарскиот и од и од српскиот јазик... Истово може да се каже и за народните обичаи...

[1389] Истото, 128.

[1390] Станува збор за прославениот македонски драматург кој во овој текст бил запишан како Црнодримски.

[1391] *Документи за борбата*..., том 1: 458; Гавриловиђ, А. *Пред четвртом књижевношћу: Бранково коло*. Сремски Карловци, 10, 17. 1904: 194, 516.

[1392] *Маћедонија*. Београд, 18.4.1904.

Таа етнографска неопределеност и отсуство на јасно национално самосознание кај самите **македонски Словени** доведе до тоа што соседите од нив, Бугари и Срби, почнаа да ги сметаат како дел од своето племе и во чисто политички интереси (со надеж за присоединување на словенскиот дел од Македонија) почнаа да дејствуваат врз нив со помошта, главно, на школите. Се формира т.н. бугарска пропаганда, а потем српска. Се појавија школи и други учебни установи во кои преподавателите - српски или бугарски - им натураат на своите ученици соодветни идеи и го преправаат нивниот говор на чисто српски или чисто бугарски начин. И навистина, не ретко учениците излегуваат од тие школи со наполно создадено тврдо убедување дека се тие вистински Срби или вистински Бугари - 'Македонски Срби', 'Македонски Бугари'. Со особена енергија и значителен успех дејствуваат Бугарите на кои им е поблиско соседството, трговијата и други односи и, на крајот, извесно гравитирање на самите **македонски Словени -** дава повеќе основа и повод словенското население од Македонија да се смета како дел од бугарското племе. Но на крајот од минатиот век меѓу иследувачите на јазикот и битот на **македонските Словени** се јавија заштитници на нивната племенска особеност како одделно самостојно племе, што составува еден вид преоден степен меѓу бугарските и српските племиња...

Такви се условите во кои мора да живее христијанското население во Македонија до последното востание, кое, конечно ги заостри безредијата што царуваа во земјата... Таквата ситуација стануваше сè понеподнослива во онаа мера во која под влијание на соседните, ослободени од турското иго народности и кај **Македонците,** се будеше чувство на човечко достоинство, сфаќање на личната чест, сознание на своите граѓански и политички права. Незадоволството отпрво се појавува преку револуционерната агитација и тајната организација, која по 10 години упорна подготвителна работа доведе на крајот кон сеопшто востание кое се крена есента 1902 година и се заостри летото 1903 за да стивне во поседно време поради студот. Доколку 'македонското прашање' би се свело само на ослободувањето од турското иго, тогаш не би претставувало посебна тешкотија. Резултатот од борбата би зависел од напрегнатоста на ослободителните стремежи, а за степенот на таа напрегнатост нема никакви разногласија. **Македонците**, според зборовите на еден автор, навистина го преживуваат овој голем момент во животот на еден народ кога зборот 'слобода или смрт' престануваат да бидат само звучна девиза на патриотската агитација, туку се претвораат во неумолив закон на

животот, не познавајќи отстапки и не запирајќи се на полпат. Борбата за слобода може да биде тешка и опасна, таа може да бара тешки жртви и големи усилби, но порано или подоцна таа би завршила со славење на слободата, како што заврши своевремено таквата борба на Грците, Србите и Бугарите, кои и успеаја да го соборат турското иго. Но борбата за ослободување од турското иго во македонското прашање се јавува само како една страна, и практично, дури не најважна. Тешкотијата и компликуваноста на тоа прашање се состојат во тоа што во Македонија ослободителната борба во голем степен се усложнува со националната борба и политичкото соперништво на соседните држави, од кои секоја изјавува свои претензии на таа земја. Токму во тоа соперништво и се состои главната тешкотија на македонското прашање, главната опасност која го загрозува мирот и не само на Балканскиот Полуостров.

Првобитно тоа соперништво не е на политичка почва, туку на културно-црковна и се сведуваше на борбата на Словените кои го отстојуваа своето право на самостојно национално постоење, и од Грците, кои го сметаа словенското население на Македонија како материјал за востановување на идната голема Византиска Империја...

Впрочем, палмата на првенството на интриганството треба да му се даде на патријархот; сосема неодамна патријархот му се обрати на султанот со добар „христијански“ совет да наложи некои ограничувања врз бугарскиот егзархат и неговата паства, со што ќе биде поткопано во корен востанието на **Македонците - егзархисти**. Во свое време, во времето на Грчко-турската војна, бугарскиот егзарх не се унижуваше до таква ниска интрига. А и **Бугарите** и **Македонците** тогаш не брзаа да застанат во редовите на војската од падишахот за да ги смират христијаните и да војуваат со **Елините**, како што тоа сега го прават Грците, истапувајќи против **македонските востаници**.

Овие расправии и раздори на религиозна почва среде православното духовенство, а потем и сето православно население во Македонија се водат одамна, имаат своја далечна историја, чиј почеток датира од оние далечни времиња кога Цариград бил престолнина на Источната Римска Империја...

И не без причина се плашеле **македонските Словени** од потчинувањето на фанариотското духовенство. Кај Грците веќе се создавала ’мегали идејата‘ (големата идеја) и за она за што, пренесувајќи од болна на здрава глава, ги обвинуваа Словените, за тоа мечтаеја веќе самите. Ним веќе им се подгалуваше мислата да создадат независна грчка држава, да ја воскреснат

Источноримската Византиска Империја... Македонија, во тој поглед, претставува најблагородна арена за дејноста на елинизаторите; ...ете, поради такви обѕири Грците бараа да се уништат дури и признаците на автокефалноста на словенската црква во Македонија...

Добивајќи го своето изнудено упразнување на Охридската архиепископија - патријаршија, Грците сесрдно се заседоа за остварување и на другите делови од своите планови во Македонија. Брзо, по сета земја, во нејзините христијански словенски и куцовлашки населби, градови и квартали, се појавија школи и училишта од разен тип, каде што предавањето се водеше на грчки јазик, а дидаскалите (учителите) беа или природни Грци или гркомани, т.е. инородци (главно, Словени и Цинцари) што го примиле грчкиот јазик и ѝ се оддале исцело на грчката идеја. Во црковните обичаи, во богослужбата дури и во чисто словенските населби беше воведен, исто така, грчкиот јазик. Сѐ словенско - и јазик, и книги, и древни ракописи - почна да се подложува на гонење; словенски книги и ракописи со цели купови се фрлаа по реките, се закопуваа в земи или се продаваа наместо дрва за затоплување на бањите. И резултатите не доцнеа со своето покажување. Веќе скоро **македонските Словени** почнаа да се елинизираат, почнаа да се изедначуваат со права со Грците, почнаа да говорат грчки...

Но приближно истовремено почнуваат реакциите. Од една страна, среде образуваните **Македонци** имало луѓе со задржано прездравено или жилаво чувство на народност; тоа наоѓа одзвук во масата на простите, селските луѓе, на кои, во неговите грижи за насушен леб немале кога да ги посетуваат грчките школи, а грчката проповед во црквите останала неразбирлива. Се нашле и школи во кои не се прекинало предавањето на црковнословенски јазик. Сето тоа се воведува и во други школи; понекаде пристапуваат и кон изучување на месните наречја. Од друга страна, храбрите научници и други патешественици, и западноевропски, и руски и инословенски, почнуваат да проникнуваат во Македонија, не ретко со опасност за животот и, враќајќи се во татковината, гласно изјавуваат во печатот за словенството на населението во Македонија, за неговото блиско родство со населението од соседните чисто словенски земји - со Бугарите, Србите, Црногорците. Овие два момента го поттикнуваат разбудувањето на словенскиот дух и сознание на **македонските Словени**..."[1393]

[1393] Станоевски, Ц. *Како* ... : 123-139.

1904 год. Антони Мјечник, Полска.[1394] „Не ќе погрешиме ако кажеме дека најнесреќен крај во денешно време е самата Македонија... таму се лее сега река крв, избувнуваат пламења, потпалувани од дивите Турци во селата и градовите. Секако се разлеваат грозни писоци од измачените христијани... ќе ја посака и Гркот, опирајќи се врз никаквеците врз минатото, врз несигурните историски права; се бори за неа Бугаринот **кој самиот се нарекува Македонец**, затоа што тој тука бил пред векови загнезден; Србинот тврди дека е таа негова земја, бидејќи тој крај влегувал некогаш во склопот на цар Душан Силни; а и горштакот албански и Влавот не сакаат да бидат полошо од нив.“[1395]

1904 год. Атанас Шопов, Бугарија, бугарски трговски агент во Солун. При еден разговор на Атанас Шопов со солунскиот валија Хасан Фехми-паша на почетокот од 1904 година станало збор за Македонија и Македонците во Османлиската Империја и во Бугарија. Валијата го започнал разговорот со тоа што се пожалил од бунтувањето на Македонците во Империјата и го прашал Шопов: „Дали **Македонците** уште бујствуваат во Бугарија?“ На тоа Шопов одговорил: „Како да не бујствуваат паша ефенди, кога **денес поголем дел од македонското население е во Бугарија, поголем дел од жителите на Софија се Македонци;** голем дел од офицерите во армијата се **Македонци**; голем дел од видните чиновници се **Македонци**; целата македонска интелегенција од Македонија е во Бугарија. Македонска е и толпата по улиците.“ По ова валијата констатирал дека **Македонците** играат важна улога во Бугарија. На што Шопов додал „многу важна паша ефенди, поважна од секогаш. Улогата на **Македонците** во судбината и животот на Бугарите воопшто секогаш била важна.“ За поткрепување на изнесеното Шопов го потенцирал придонесот што го дале Македонците на културен план за Бугарите...[1400] На повторната констатација од страна на валијата дека Македонците принеле значајни заслуги за бугарскиот народ, следи образложение: „не само за бугарскиот,

---

[1394] Антони Мјечник, полски публицист.

[1395] Полјански, А. Х. „Антони Мјечник и неговиот труд ’Македонија и Македонците‘.“ *Историја*, 1. Скопје, 1969: 165-171 (Miecznik, A. *Macedonia i Macedończycy*. Warszava, 1904: 3-4).

[1400] Во тој контекст, Шопов ги наведува: отец Пајсиј како автор на првата бугарска историја; Кирил Пејчиновиќ и неговото дело кое наводно е на бугарски јазик; Теодосиј Синаитски кој ја отворил првата бугарска печатница во Солун и го испечатил првиот бугарски буквар; потоа Неофит, кој го отворил првото бугарско училиште во Габрово, поради што се сметал за патријарх на бугарското училиште. Посебен впечаток остава фактот дека за ниту еден од нив не се вели дека е Бугарин, туку се нагласува дека се тие Македонци по род. Истовремено, А. Шопов нагласил дека Македонците дале значаен придонес и за бугарското црковно прашање.

туку и за грчкиот... во време на Грчкото востание...“ На крајот од разговорот Шопов истакнал: „Како што гледате паша ефенди, каква улога играле од секогаш **Македонците** во животот на бугарскиот народ, уште поважна играат сега. Ако работата е за оплакување, ние од Бугарија имаме повеќе право од вас да се оплакуваме од **Македонците**, зошто тие ни ја презедоа нашата сила, тие ни ги зедоа најдобрите места и служби, тие ни ги презедоа финансиите и градовите, тие ни ја презедоа војската и нашите министерства, тие ни ја презедоа трговијата, тие презедоа речиси сè во Бугарија... Избавете нè од нив заради Бога.“[1401]

1904 год. Весник *Ивнинг пост*, САД. „Управното тело на **Македонската организација** не е ништо друго, туку сенат на една тајна република, кој е уреден внатре во Турската Империја и е избран од народот преку народни, но тајни избори.

Во срцето на една управа што се распаѓа веќе, каква што е турската, започна да се појавува оздола една совршена форма на политичка организација, така совршена во своите гранки како што е онаа на еден слободен републикански народ. Во Турската Империја има: **македонска полиција, македонски судови, македонска милиција, македонски училишта и весници и македонска пошта** - сето тоа постои покрај големите усилби на турската Влада да го уништи...“[1402]

27 март 1904 год. Георгиос Цорбасоглу, Грција.[1403] „Егзархистите никогаш не го изгубија сознанието на братството што ги поврзува со патријаршистите, а, ниту, пак, манифестираат некоја посебна симпатија кон Бугарија. Ова не е чудно, бидејќи и во самата Бугарија, кога вистинскиот Бугарин ќе се налути на егзархистот **Македонец**, ќе го испцуе со зборот „Гркоман“. Раскинувањето со Патријаршијата не стана од религиозни побуди, туку **Македонецот** поверува на пропагандите дека тој е патот да се ослободи од турскиот јарем... За тоа вина сноси и Патријаршијата, бидејќи ниеден

[1401] ДАРМ, Бугарски генерален конзулат - Солун, 1896 - 1915, мф. бр. 4278, Но. 181, 20.2.1904.

[1402] *Документи за борбата*..., 1, 443-444; *The Evening Post*. „За нашата организация“. *Револуционен лист*, 10. Софија, 15.3.1905: 13-14.

[1403] Грчки дипломат, одличен познавач на турскиот и бугарскиот јазик кој на 27 март 1904 година поднел извештај на тогашниот министер за надворешни работи, Атос Романо, за положбата во Македонија. Македонците ги нарекувал или Македонци или Гркомакедонци, особено ако тие Македонци биле припадници на Грчката патријаршијата.

црковен агитатор не ги посетил македонофонските села оставени на неграмотноста од селските свештеници... Бандата на Апостол од Бојмица нема ниеден вистински Бугарин. Лично Апостол војвода продолжува со фанатизам да се цркува во патријаршиските цркви и ги штити во своето село и грчкиот свештеник и учителот... Другиот војвода Аргир не чувствува никаква симпатија за бугаризмот и секаде и секогаш изјавува дека се бори за ослободување на Македонија од турскиот јарем..."[1404]

12 мај 1904 год. Георгиос Цорбасоглу, Грција. „Првенците и младната на Воден надвор од куќите повеќе го зборуваат грчкиот отколку **македонскиот**..., за сè што имам чест да Ве известам околу оваа тема... што се однесува до Воден, должен сум да додадам дека... повеќе да сакаат да се нарекуваат **Македонци** отколку Бугари."[1405]

21 мај 1904 год. Георгиос Цорбасоглу, Грција[1406] Според него: „македонските подводачи, а можеби и самите водачи, под еден и единствен договор со земјата, условно речено, ја извлекоа досега нивната моќ: од условот да не си постават друга цел, освен ослободувањето на **Македонците како Македонци...**"

Според неговите согледувања: „...сепак јас можам да заклучам дека не е можно да сум во заблуда за мојот впечаток дека денес револуцијата во Македонија не е бугарска и дека од неа грцизмот не само што не претрпе никаква штета, од нејзиното започнување до денес, туку имаше и голема корист..."[1407]

26 јули 1904 год. Георгиос Цорбасоглу, Грција. „Веќе е познато дека голем број од македонските бугароучители[1408] сорботуваа со македонскиот комитет сосема независно од Бугрската егзрхија, или тој случајно се најде во селата, и со нејзино знаење и како признени отцепници - **Македонци** во планините. Таков мислам дека е и војводата од околијата Ениџе-Вардар,

---

[1404] Полјански, А. Х. „Се вееше знамето на македонската слобода!" *Македонско време*. Јули - август 1997: 34-36.

[1405] *Сведоштваа ...*: 156; ΓιωρΥιος Πετσιβας, Ιωανος ΔραΥουμη, Τα Τετραδια του Ιλιντεν, 23.

[1406] Кога Цорбазоглу работел како грчки агент во Ениџе-Вардар, во еден свој извештај од 21.5. 1904 година до Владата во Атина забележал дека во околината постоеле 51 православно село, целосно „македонофонски". Горенаведениот цитат припаѓа на неговиот извештај од 27.5.1904 год.

[1407] Јовановски, Д. „Пред Коминтерната ... : 79-80; (Литоксоу, Д. *Грчката антимакедонска борба: Од Илинден до Загоричани (1903 - 1905)*. Аз Буки. Скопје, 2004: 31.

[1408] Цорбазоглу така ги нарекувал Македонците кои биле егзархиски учители.

бугароучителот **Македонец** Аргир. Не и толку неспорно... дека посети многу наши села, проповедјќи како **Македонец** за независноста на знамето на македонскиот комитет од бугарската и грчката политика и покажувјќи секогаш поголема почит кон црковните и кон националните легенди на оние кај кои агитираше.“[1409]

1904 год. Ламброс Коромилас, Грција.[1410]

„Господине министре,

Нашите мали училишта ништо не постигнаа од јазичен аспект во полските села во кои зборуваат друг јазик.

Но постои опасност да го изгубиме и преостанатиот (простор) ако не успееме на секој начин да ја надоиме и да ја придобиеме со грчки идеи **македонската младина.“**[1411]

1904 год. Патроклос Кондијанис, Грција.[1412] Истражувајќи ги влијанијата на пропагандите меѓу македонското население, дошол до следните заклучоци: „Во селата од Средна Македонија не е можно да се направи разлика, затоа што етнографски не е можно од двајца браќа едниот да биде Грк, а другиот Бугарин. Така, поделбата на шизматици и на православни не е можно да ја оправда вистинската поделба на бугарската и на грчката националност. На родското постоење, кое е единствено во селата од Средна Македонија, според мене, би било поточно ако нивните жители се нарекуваат: едните паровославни бугарофони Македонци како припадници на грчката црква, кои ги испраќаат своите деца во грчки училишта; додека другите, Македонци шизматици како припадници на бугарската црква, кои ги испраќаат своите деца во бугарските училишта; **што се однесува до националноста, таа е иста и во двете категории, т.е. македонска.“**[1413]

[1409] *Сведоштва* ...: 157; ΓιωρΥιος Πετσιβας, Ιωανος ΔραΥουμη, Τα Τετραδια του Ιλιντεν, 26.

[1410] Писмо од грчкиот конзул во Солун, Л. Коромилас, до министерот за надворешни работи, А. Романос.

[1411] *Сведоштва* ... : 158; Οι Απαρχες του Μακεδονικου αγωνα (1903 - 1904), 100 έγγαραφα από το Αρχείο του Υπουργείο των Εζωτερικών της Ελλάδος. Εισαγωγή Βασίλης Κ. Γούναρης, Θεσσαλονικη, 1996, 220.

[1412] П. Кондијанис, воен аташе при една грчка амбасада.

[1413] Τασος Κωστοπυλος Τριμης, Αντα Ψαραα, Δημητρος Ψαρρας, Ενα, δυο, τρια, πολλα ονοματα: Απο τους Έλληνοβουλαρος' στους 'Σκοπινος', εψ. Ελεθεροτυπα, Αθηα, 5.6.2005; Љоровски, Д. „Спорот за името меѓу Македонија и Грција: Македонскиот идентитет и употребата на терминот 'Македонец' во делот на Македонија под Грција“. *Втора меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“*. Штип, 2015: 1021.

1904 год. Македонец од Кукуш. Алфред Рапопорт, австроунгарски конзул во Скопје и Битола за домашен слуга (во Солун 1904 год. - Б.С.) имав еден **Македонец од Кукуш**. Тој беше чесен човек кој секогаш верно ми служеше и ми беше многу привржан. Знаев дека беше ревносен патриот и дека подвизите на славниот комита Гоце Делчев, исто така родум од Кукуш, силно го имресионираа. Бев љубопитен да дознаам каков впечаток ќе му остави инцидентот во Аматово (престрелка на турски војници и комитска чета која не успеала да ја дигне во воздух железничката пруга, близу Солун - Б.С.), во кој неговиот господар можеше лесно да биде жртва. Му го раскажав, значи настанот, а тој сосема мирно ми одговори: „**Уште многу луѓе ќе ја пролеат својата крв пред да се ослободи Македонија**“. Оваа едноставна реченица од еден скромен слуга ми остави многу посилен впечаток отколку инцидентот... А во 1924 година, кога братоубиствената борба меѓу **Македонците** однесе толку жртви, често си велев: „Уште многу луѓе ќе ја пролеат својата крв пред да се ослободи **Македонија.**“[1414]

1904 год. Апостол Петков, војвода. Во писмото на војводата на Ениџенската востаничка чета до европските претставници во врска со нивниот повик за мирно предавање на оружјето на македонските востаници, предупредува на последиците од таквиот потег и во продолжение нагласува: „Македонското население, гледајќи ги турските лажни ветувања, е спремно да ја лее својата крв со надеж дека ќе се здобие еден ден со очекуваната полна слобода, и да го сметне од себе турскиот петвековен гнет. Зарем **Македонецот** не е човек да живее слободно? Зарем Македонецот не е за слободен да го дише чистиот воздух и да му се радува на слободниот политички живот, како што се радуваат и слободните народи? **Македонецот** е веќе уверен дека сè дури се наоѓа под Турчинот ништо сигурно нема за него; тој не е сигурен за својот живот, не е сигурен за своите мили и драги дечиња, за честа на жената и своите ќерки, за својот имот итн. Таа несигурност го натера **Македонецот** да го земе оружјето в раце и да се бори со Турчинот. Тој не жали зашто ќе умира од куршумот на непријателот, и е спремен да го прави тоа до денот на неговото ослободување. Тој веќе не се плаши од непријателот, дури и од една европска окупација за сметка на неговите национални интереси. Што има полошо од тоа човек да се реши да умира? Таквите луѓе може ли нешто да ги заплаши кога се тие веќе спремни да умрат? Нема зошто да се поплакуваат на

[1414] Rappoport, A. *Au Pays des Martyrs.* Paris, 1927; *Македонија во делата* ...: 38.

нас Европејците дека не сме им дале време да ги организираат реформите. Располагаат тие и со време и со сила, и веруваме дека до денес никој не им го запирал тоа време. Жално е пред очите на цивилизирана Европа **Македонецот** и потаму да робува. Нека крвта на тоа невино население и потаму се лее пред Европа. Нека турските sверства се вршат и потаму пред очите на европските конзули. Нека тие и потаму ги бранат интересите на Турчинот за сметка на невиниот **Македонец**. Посочете ја правината каде и кај кого е? Прави ли лошо еден народ кога востанува против еден неподнослив и тежок режим? Да, да се лее крв христијанска во XX век од еден иноверец - Турчинот, пред очите на Европа и нивните луѓе е несвесно. Европската дипломатија е виновник за сите маки. Ако дипломатијата сака, тогаш за 1 месец робот ќе биде вон од границите на ропството. Четите се борат за еден самостоен политички живот. Од војводата и секретарот на Ениџенската востаничка чета, пишувано на 3.5.1904 год.“[1415]

1904 год. Крсто Гермов Шаќир, војвода. „Новото раководство[1416] од учителите Јордан Поп Константинов и Јордан Ангелов беа вистински централисти, всушност **Македонци**. Тие го издаваа весникот *Шило*, пишуваа на **македонски јазик**, го ширеа насекаде во околијата и во Битол(ската) револ(уционерна) Област.“[1417]

1904 год. Пере Тошев. „Денес секому е јасно дека ние **Македонците** одвај дали ќе можеме да се надеваме дека бргу ќе се здобиеме со саканата автономија - целта на нашата Организација, нашата борба против турскиот режим, во каква било форма, ќе продолжи уште многу години, за што ќе бидат потребни материјални средства.“[1418]

1904 год. Вјаница Радина.[1419] Во жалбата поради грабежот и насилството во нејзината куќа, меѓу другото, запишала: „За време на

[1415] Дракул, С. *Македонија меѓу автономијата и дележот*, том 3. Скопје, 1997: 133-135; (АВПР, Конзулство в Салониках, д. 978).

[1416] Се мисли на Околискиот комитет Прилеп.

[1417] *Спомени на Гермов*, 22; Миноски, М. *Македонизмот*..., 112.

[1418] ЦДИА, София, ф.3, оп.8, ае 667, 18.6.1904. Писмо од Ордан Тренков (од Прилеп); Миноски, М. *Реформите*..., 107.

[1419] Вјаница Радина, домаќинка од с. Вевчани, поднела преставка на 19.7.1904 год. до меѓународните претставници во Македонија, мирцштешките мандатори, за тешката ситуација по Илинденското востание, кое го нарекла „македонско“ и барање за нивно подобрување.

македонското бурно востание за слобода во август 1903 година, во мојата куќа...“[1420]

1904 год. Дијамандија Т. Мишајков. Во писмото на Мишајков од 10 април, до познатиот револуционер Христо Далкалачев, откако прави осврт кон Илинденското востание, ја обвинува Бугарија што дозволила македонскиот народ да се испрати на касапница, иако однапред знаела дека востанието ќе пропадне и откако излезот за Македонија, според него, се гледа во отфрлањето на националистичките пропаганди и извојување на црковно-просветно-културна автономија зклучува: „Тоа е најреалниот пат во дадениов момент за да се оттргне **македонскиот народ** од бугарењето, посрбувањето или погрчувањето. Со тоа ќе си обезбедиме непречен национален развиток, а потоа ќе биде полесно...“[1421]

1904 год. Христо Шалдев.[1422] На 19 јуни 1904 година Шалдев во неговото писмо до бугарскиот егзарх, меѓу другото, напишал: „Во текот на јануари 1903 година[1423] пристигнаа двајца делегати од **словено-македонската група** во Србија. Имено, Јакимов и Мишајков, кои поднесоа еден извештај до Словенското друштво и откако ги добија нужните уверувања за поддршка, првиот замина за Бугарија, Мишајков за Србија и оттаму за Македонија, во Битола каде што ја пропагира **македонската идеја**. Овој господин е со невидена силна волја, красноречив и со силноубедлива логика.“[1424]

[1420] Ѓорѓиев, В. *Афирмација на македонската борба и идејата за автономија на Македонија пред мирцштешките мандатори: Ослободителните борби на Македонија од Источната криза до Балканските војни*. София, 2016: 148; Дракул, С. *Македонија меѓу автономијата и дележот*, том 3. Догер. Скопје, 1997: 271 (АВПР Конзульство в Салониках, д. 4, бр. 656/II, 21.7. 1904).

[1421] Димевски, С. „Обидите на Крсте Мисирков и на Македонското студентско друштво во Петроград за издејствување автономија на Македонија во рамките на Турската Империја“. *Зборник „Крсте Мисирков“: Научен собир посветен на 40-годишнината од смртта*. Скопје, 1966: 108.

[1422] Христо Шалдев бил роден во 1876 година во Гуменџе, познат револуционер, комита и војвода во илинденскиот период. По национално убедување бил Бугарин и активно работел против идејата и залагањата за национална и државна посебност на Македонците и Македонија. Починал во 1962 год.

[1423] Според Блаже Ристовски наведениот датум е неточен.

[1424] Димевски, С. „Еден извештај за македонсистичката дејност на Македонската студентска група во Петроград“. *Разгледи*, X, 3. 1967: 412.

1904 год. Рачо Петров, Бугарија.[1425] Во разговорот на бугарскиот премиер со српскиот пратеник во Софија, Јован М. Јовановиќ, околу состојбата со Македонија и Македонците, Рачо Петров нагласил: „Факт е веќе дека Македонија се одвои, верувајте ми. **Македонците** се комплетно неискрени во односот и кон вас[1426] и кон нас...[1427]

Сè додека **Македонците** не се ослободат[1428] ќе бидат и со вас и со нас. Меѓутоа, кога тоа ќе се случи, тогаш ќе ни кажат и нам и вам, подалеку - тргнете си ги рацете. Во такви услови, ниту еден од вас не би можел да добие во Македонија никакво место[1429] ниту, пак, служба. Зарем мислите дека тие се луди да прифатат ние или вие да го присоединиме кон нас или да ги поделиме. Не, тие би биле против тоа.“[1430]

1904 год. Андреј Тошев, Бугарија.[1431] „Состојбата[1432] се разликува, главно, во тоа што во сегашната епоха на прогрес и светлина идејата за слобода е подлабоко вкоренета во масата на поробените **Македонци**. Благодарение, особено на ланското востание,[1433] спасителниот зрак на слободата осветли, им проникa така добро во сите слоеви на тукашното население, така што враќањето не е возможно... Не треба да се испушти од предвид и силното влијание што го вршеа ослободените соседни народи на **Македонецот**, готов со својата крв да ја плати својата слобода.“[1434]

1904 год. Ристо Јанкулов.[1435] „За време на **македонскиот бунт**[1436] за слобода, владиниот аскер...“[1437]

[1425] Рачо Петров, бугарски премиер.

[1426] Се мисли на Србите - М.М.

[1427] Се мисли на Бугарите - М.М.

[1428] Се мисли на османлиската доминација - М.М.

[1429] Се мисли на позиција или функција - М.М.

[1430] Митрова, М. *За македонскиот идентитет: Српски дипломатски извештаи (1903 - 1913), Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010: 211; Архив на Македонија, Скопје, ППО, м. 225, пов. бр. 70.

[1431] Тошев С. Андреј, бугарски дипломат кој во 1905 година бил бугарски трговски агент во Битола.

[1432] Во Македонија.

[1433] Се мисли на Илинденското востание.

[1434] ЦДИА, ф.331, оп. 1, а.е. 89; Миноски, М. *Македонизмот*..., 57.

[1435] Жител на село Вевчани кој поднел писмена преставка на 19.7.1904 год. до мирцштешките мандатори во Македонија.

[1436] Се мисли на Илинденското востание.

[1437] Ѓорѓиев, В. *Афирмација* ... : 148; Дракул, С. *Македонија меѓу автономијата и дележот*, том 3. Догер. Скопје, 1997: 272; (АВПР Конзулство в Салониках, д. 4, бр. 658/II, 21.7. 1904).

1904 год. Македонец со писмо до весникот *Куриер*. „Жалните **Македонци**, кому побргу да плаштат огромните дажбини - или на Турците, или на Србите или на Бугарите. Клајте раката на срцето, погледајте на Бога и напишите во вашиот весник. Нашите **Македонци** ќе пропаднат во чужбина ...“[1438]

1904 год. Григорие Хаџи Ташковиќ (15 јуни). „Ако сакаме да извлечеме поука од практичната филозофија на тажните настани што скапо го чинеа **македонскиот народ**, добро е тоа што нас нè инспирира и што е во согласност со принципите на современата цивилизација; обединувањето, искрена соработка на сите националности кои еднакво трпат под ропството на еден господар кој е нивен заеднички непријател, логично и природно решение на македонското прашање...“[1439]

1904 год. Дамјан Груев, војвода, интервју. Интервју со Дамјан Груев во Софија со новинарот на весникот *Новое время* од Русија: „Деновиве јас имав средба со Д. Груев, главен раководител на Внатрешната организција во Македонија. Ќе ги запознаам читателите со неговото мислење за состојбите во Македонија и со реформаторското дело во неа во 1904 година. Груев е родум **Македонец** и постојано живее во Македонија. Дојден е овде пред еден месец да ја лекува раната што ја доби при едно случајно судрување со турските војски...“

- „Ќе има ли востание годинава?“
- „Ние не мислиме да го покреваме пред завршувањето на Руско-јапонската војна; доколку Турците го предизвикуваат, тогаш е друго прашање... За време на востанието руската дипломатија беше во однос спрема **нас, Македонците**, маштеа, меѓутоа, Русија ја ослободи Бугарија, таа бездруго нема да нè остави нас да нè изедат непријателите на славјанството. Така мисли нашиот народ, а така мислиме и ние.“
- „Какви се односите меѓу бугарското правителство и вашата организација?“
- „Мошне недружељубиви; бугарското правителство се стреми Внатрешната организација да ја потчини под себе, меѓутоа, тоа

[1438] *Куриер*ъ, 1, 10. София, IX, 1; Ристовски, Б. *Појави и процеси*..., 266-267.

[1439] Миноски, М. *Македонизмот*..., 87; Alcaste, „La Question Macedonienne“. *L'Union Danubiene*. Paris, 15.6.1904: 8.

нему нема да му успее, бидејќи ние му даваме на тоа доста енергичен должен отпор.“[1440]



Дамјан Груев

1904 год. Апел на Македонците од САД. Филаделфија, август 1904 година: „**Македонците** денес се угнетувани и уништувани затоа што не се откажуваат од својата судбина, бидејќи тие сакаат да останат христијани... Нема да престанат обидите за револуција и масакри на Балканот сè дотогаш додека европските влади не се во состојба да воведат вистински реформи со давање на **Македонците** на саканата автономија...

Македонците апелираат до сето христијанство и ги молат сите митинзи каде и да се одржуваат да повикаат за европска интервенција во полза на **Македонците** и да ургираат да се установи една автономна форма на управа под европски генерален управител, помогнат од европски офицери на жандармијата.“[1441]

[1440] Дракул, С. *Македонија меѓу* ... : 15, 18-19.

[1441] Полјански, А. Х. *Илинденското востание и меѓународната јавност*. Скопје, 1987: 287.

1904 год. Симоница Куцкова.[1442] „Во време на **бурното македонско движење за слобода**, 1903...“[1443]

1904 год. Гастон Рутие, Франција (француски новинар и публицист). Низ контактите со првите луѓе на Револуционерната организација, како и со други Македонци, смета дека тие без оглед на националната и верска раздробеност предизвикана од пропагандите, брзо би се обединиле во еден народ доколку за тоа постојат соодветни услови. „**Интелигенцијата на Македонците ме зачудува; оние кои ги видов и ги запознав ме изненадија со своите познавања**. Овој народ, или поточно, овие народи, со мешање можат да станат еден надарен народ кој ќе направи големи дела**. Едно единствено управување кое ќе им допушти на заедниците да управуваат слободно** со градските совети, избрани со општо право на глас, ќе направи чудо, **ќе ги слее расите**..., а економските интереси ќе го направат останатото.“[1444]

1904 год. Гастон Рутие, Франција. Во разговор со еден од шефовите на Внатрешната организација од него го добил следното мислење: „**Македонците** никако не сакаат да предизвикаат војна меѓу Бугарија и Турција, напротив, пред сè, не се знае дека токму Бугарија ќе биде победник; постојат и многу други причини поради кои не треба војната да биде посакувана. **Македонците** многу добро знаат дека, на крајот, Големите сили ќе одлучат за судбината на Македонија и ќе внимаваат добро да не се изјаснат дека нивното востание е кренато во интерес на една или друга балканска држава. Една Бугарско-турска војна на македонското прашање ќе му даде белег на бугарското прашање, нешто кое, особено во случај на победа на Бугарија, штетно ќе се одрази на македонското прашање. Што и да се случи, Бугарија не ќе биде таа која ќе го диктира мирот... Она што **Македонците** го сакаат, тоа е автономија на нивната земја со интервенција на Европа во нивна

[1442] Жителка на село Вевчани која поднела писмена преставка на 19.7.1904 год. до мирцштешките мандатори во Македонија.

[1443] Ѓорѓиев, В. *Афирмација на македонската борба и идејата за автономија на Македонија пред мирцштешките мандатори: Ослободителните борби на Македонија од источната криза до Балканските војни*. София, 2016: 148; Дракул, С. *Македонија меѓу автономијата и дележот*, том 3. Догер. Скопје, 1997: 277; (АВПР Конзульство в Салониках, д.4, бр. 625/II, 21.7. 1904).

[1444] Routier, G. *La question macédonienne - on doit au people la vérité.* Paris, 1904; Матковски, А. *Македонија во делата на странските патописци.* Ѓурѓа. Скопје: 169.

корист. Нема делба, нема припојување кон некоја друга држава, Македонија е единствена и на **Македонците**, јасно и едноставно...“[1445] „Но во Македонија ако се сака мир и ако се сака да се обединат народите, особено е потребно да се внимава на тоа да не се назначи ниту грчки, ниту бугарски, ниту српски принц. На **Македонците** треба да им се даде целосно управување, туѓо на омраза на народите, способно да ги доминира, да ги надмине нивните ривалства и натпревари...“[1446]

1905 год. Јордан Софијанчето, војвода. Војводата Јордан Софијанчето се нашол во заседа во скопското село Мирковци од страна на четите на српскиот војвода Коста Пеќанац. Откако нашле некаков заеднички договор за дејствување на теренот, Коста му простил и заеднички разговарале со селаните. Кога Јордан им се обратил на селаните „**им зборувал дека тие не се ниту Срби, Ниту Бугари. Тие се Македонци.“[1447]**

1905 год. Весник *Дејли њус*, Велика Британија. „Добиени се дополнителни податоци во врска со неодамнешниот обид за атентат врз султанот на Турција... Се верува дека обидот за посегнување по животот на султанот е дело на **Македонците** или **Бугарите**...“[1448]

1905 год. Македонска автономистичка група, Белград. „Кога баравме автономија на Македонија, како етапа на нејзиното конечно отцепување од Турското Царство по примерот на Србија, Грција, Романија и Бугарија, и кога признаваме дека тоа го бараме за народите кои ја населуваат таа провинција, со тоа ги побиваме и отфрламе сечии историски и националистички претензии на нашата татковина. Над неа најсилни историски претензии има самата Турција, против која се бориме.“[1449]

„Смело изјавуваме: ние сме **Македонци**, дека својот политички идеал ќе го наметнеме на сите оние со кои сме во допир...[1450] Природно е што **Македонците** сакаат да се спасат од своите спасители и да заборават на своите партиски караници и да се почуствуваат како една морална целина, која, во

[1445] Истото, 166.

[1446] Routier, G. *La question macédonienne - on doit au people la vérité*. Paris, 1904; Матковски, А. *Македонија во делата на странските патописци*. Ѓурѓа. Скопје: 165-166.


[1447] Краков, С. „Пламен Четништва“. *Време*. Београд, 1930: 173.

[1448] *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 70-71; „Султанот на Турција обид за атентат, Македонци и Бугари осомничени“. *Дејли њус*. Перт, 26.7.1905: 7.

[1449] Весник *Автономна Македонија*..., 1. 12 октомври 1905: 1.

[1450] Истото, 2.

прв ред и над сè, бара своја слобода, самите да бидат господари на својата судбина... Секој народ има право самиот да се определи и да ја одбере онаа форма на управување која најмногу ја сака и која најмногу му одговара.[1451] Македонија не е ни српска, ни бугарска, туку наша **македонска.**[1452] **Македонскиот народ** се бори самиот колку што може за својата слобода, за слобода на својата земја...[1453]




Австриска етнографска карта на Македонија од 1905 год. на која во легендата има и посебна графа за „Македо-Словени“ и подграфи за „Патријаршисти“, „Егзархисти“ и „Мухамеданци“, што укажува на правилно согледување дека националната припадност не треба да се меша со религиозната.

[1451] Истото.

[1452] Истото, 26 октомври 1905: 2.


[1453] Истото, 2 ноември 1905: 2.



1905 год. Бродски лист - евиденција за емигранти во САД.

Во американските архиви (National archives) се чуваат и микрофилмувани документи на кои се евидентирани економските емигранти кои во САД пристигале во големи маси од цела Европа и светот. Меѓу емигрантите имало и голем број Македонци. По ова прашање таквите податоци биле внесувани во т.н „бродски записи“. Тие записи ги содржеле следните рубрики: Име; Националност (државјанство); Раса (етничка припадност); Место на потекло (земја на потекло); Име на брод и датум на влез во САД; Возраст, висина старост, брачен статус; Професија; Адреса на престој, Роднини во САД итн. Според увидот и пребарувањата на Марко Бојаџиски преку *ancestry.com*, на зборот „Македонец“, на англиски „Macedonian“ во периодот од 1900 до 1949 год. во САД пристигнале 13 624 луѓе кои се декларирале како Македонци. Од нив, дури 13 599 пристигнале од 1900 до 1915 год. Ако се пребарува според земја на потекло (последен престој), односно според пребарувањето на зборот „Македонија“ вкупниот број изнесува 20 864, или од вкупно 20 864 доселеници од Македонија 13 624 се изјасниле за Македонци. Според истиот извор, во истиот период во САД се доселиле: Бугари - 82 024, Срби - 18 207, Грци - 1 036 189 и Албанци - 14 748. Уште еден куриозитет за Македонците е графата за „Земја на потекло“ во којашто тие се декларирале дека доаѓаат од Македонија, иако не постоела држава со такво име сè до 1944 година.[1454]

[1454] Бојаџиски, М. *За Македонците запишани во американските имигрициони тефтери (1900 - 1949)*, marpedia.blogspot.com, 2. August 2020.



No. on List.	NAME IN FULL.	Age. Yrs.	Age. Mos.	Sex.	Married or Single.	Calling or Occupation.	Able to— Read.	Able to— Write.	Nationality. (Country of last permanent residence.)	* Race or People.
1	Alexandar Janitch	20		m	s	farmer	yes		Turkish	Macedonian
2	Nasum Pavlé	37		m	m	taylor	"		"	"
3	Christo Ivanoff	24		m	s	farmer	"		"	"
4	Athanas Christou	23		m	m	"	"		"	"
5	Mitse Dello	34		m	m	"	no		"	"
6	Risto Lazor	17		m	s	"	"		"	"
7	Gheorghi Mitse	39		m	m	"	"		"	"
8	Anghelé Dimitri	19		m	m	"	"		"	"
9	Velian Kristo	31		m	m	taylor	yes		"	"
10	Joano Christoff	26		m	m	farmer	no		"	"
11	Gatzo Jovan	24		m	s	"	"		"	"
12	Doné Constantinos	35		m	m	"	"		"	"
13	Theodoros Constantinos	20		m	m	"	"		"	"
14	Eryphon Stoics	18		m	s	"	"		"	"
15	Janaki Nasumtchi	23		m	m	"	"		"	"
16	Blaje Dime	20		m	m	"	"		"	"
17	Jan Costantinos	22		m	s	"	"		"	Greek
18	Georghi Constantin	16		m	s	"	"		"	Macedonian
19	Golé Petko	30		m	m	"	"		"	Macedonian
20	Jani Petro	27		m	s	Spirit	"		"	Greek
21	Mané Kitanoff	32		m	s	farmer	"		"	Macedonian
22	Leonidas a Boke	18		m	s	labourer	yes		"	Macedonian
23	Metan Kitanoff	20		m	s	taylor	no		"	"
24	Nicolas Covetcovitch	27		m	s	farmer	"		"	Macedonian
25	Menhidin Bakiyr	26		m	m	"	"		"	"
26	Cache Jani	23		m	m	"	"		"	"
27	Nasum Misel	24		m	s	"	"		"	"
28	Bib Vas Mevorah	18		m	s	Clerk	yes		"	"
29	Jovan Demetri	22		m	s	labourer	no		"	"
30	Dello Petro	38		m	m	farmer	yes		"	"

Инсерт од Бродски лист на емигранти во САД од 1905 год. на којшто во графата „Етничка припадност“ доминира (на 28 места) етнонимот „Македонец“.

1905 год. Протокол на Вториот окружен конгрес на Солунскиот револуционерен округ (10 - 12 август). „Идејата за автономија нема успех кај балканските државички... Сите балкански државички, меѓу нив и Бугарија, Внатрешната македонска организација ја сметаат како свој опасен непријател. Нашата независност побудува омраза како кај официјална така и кај

неофицијална Бугарија.[1455] Организацијата треба да си постави две задачи. Едната е да го подготви народот за револуцијата со која ќе го собори тиранското владеење, а другата е, подготвувајќи го за револуција, да го подготви (и) за неговиот слободен живот. Едната и другата активност треба да одат паралелно и никогаш да не биде едната на штета на другата...[1456] **Организацијата треба да се погрижи и за националното самосознание на Македонецот.“[1457]**

„Врховниот комитет, српскиот комитет и грчкиот комитет, сите тие се орудија на денешните балкански државички преку кои ги постигнуваат своите завојувачки цели...[1458] Задграничното претставништво на Организацијата да се пресели од Софија и да се премести некаде на запад, на пример, во Женева.“[1459]

1905 год. Стефан Димитров. „Долг на секој **Македонец**, интелектуалец или прост, богат или сиромав, е да жртвува сè пред олтарот на татковината. Ете зошто јас решив да го понесам тешкиот, но славен Исусов крст.“[1460]

1905 год. Фредерик Мур, Велика Британија. „Отпрво од Бугарите не била прифатена ниту една друга идеја освен идејата за конечно присоединување на Македонија и повторно оживување на Голема Бугарија, но кога одреден број српски Македонци и Власи почнале да пристапуваат во револуционерните редови, востаниците зазеле поширок став по однос на националните аспирации. **Слободна Македонија** со евентуално додавање на Адријанополскиот Вилает (Одринско - Б.С.) заедно со неговото приморје би била најсилната балканска држава. Во неа би живееле припадници на сите други балкански народи. Држава како Македонија, со нејзината географска положба и нејзините етнографски особености, според мислењето на востаниците би го сочинувала јадрото за конфедерација на Балканот... Девизата на **Македонците** е - ***Македонија на Македонците*****!“** [1461]

[1455] *Програмски и статутарни документи на Внатрешната македонска револуционерна организација (1904 - 1908)*. Скопје, 162.

[1456] Истото, 165.

[1457] Истото, 170.

[1458] Истото.

[1459] Истото, 172.

[1460] Аврамов, С. *Революционните борби въ Азотъ (Велешко) и Поречието*. София, 1939: 38.

[1461] Moore, F. *The Macedonian committees and Insurarection: The Balkan question, the present condition of the Balkans and European responsbilities*, *by various writers by Luigi Vilari*. London, 1905; Матковски, А. *Македонија во делата* ... : 63.

1905 год. Карл Блинд, Велика Британија.[1462] „Учените од Комитетот на Сандански создаваат граматика на **македонски јазик** за целата област. Дијалектот на Битолскиот Вилает се земал како основа на тој нов македонски 'есперанто'. Новиот **македонски јазик** требало да ги истисне српскиот и бугарскиот јазик од Македонија, бидејќи тие биле различни од јазикот кој се зборувал во Бугарија и Србија..."[1463]

1905 год. Карл Естрајх, Германија.[1464] „Србите и Бугарите им се блиски на **македонските Словени**, но **Македонците** не се ниту Срби, ниту Бугри."[1465]

1905 год. Хенри Брејлсфорд. „Комитетот или неговите делови дури и ја разгледувале (1905) политиката за наметнување на **македонскиот словенски дијалект** наместо литературниот бугарски како јазик во сите егзархиски училишта во Македонија. Се говори дека е испечатена Граматика за таа цел..."[1466]

1905 год. Весник *Скрип*, Грција. „Пред неколку месеци во Битола била формирана една комисија од страна на Македонската организација со задача да создаде една **македонска граматика**. Комисијата се состои од седум професори по лингвистика. За основа на оваа граматика ќе се земе дијалектот кој се зборува во Битолскиот Вилает. Учителите во словенските училишта во Македонија добија наредба како да го предаваат овој јазик наместо српскиот или бугарскиот и преку него да се воспостави основата за независна Македонија..."[1467]

1905 год. Весник *Скрипт*, Грција. „Македонската организација пред неколку недели во Битола реши да формира комисија за создвање **македонска граматика**. Во Комисијата влегуваат 7 учители по лингвистика. Како основа се земаат дијалектите од Битолскиот Вилает. Тој дијалект од Комисијата е означен како **македонски јазик**. На учителите на словенските

[1462] Британски публицист.

[1463] Стојчев, В. „Лондонскиот балкански комитет и МРО од 1903 до 1907 година". *ГИНИ*, 1, 37, 1-2. Скопје, 1993: 19; Blind, K. *Pall Mall Gazette*. London, 5.7.1905.

[1464] Карл Естрајх (1873 - 1947), германски географ кој повеќепати ја посетил Македонија.

[1465] Ошлис, В. *Гермакедонија* ... : 22; Oesteich, K. „Makedonien". *Geographische Zeitschrift*, Nr. 5/1905, 268-292.

[1466] Јовановски, Д. „Пред Коминтерната". ... 78; (H.N. Brailsford, Macedonia. Its races, and their future, Methuen& Co., London, 1905, 124.

[1467] Јовановски, Д. „Пред Коминтерната" ..., 78; (Σκριπ, 8, ιουλου 1905, Αρ. 9835, I)

училишта во Македонија им се определува да учат на тој јазик наместо на српски и на бугарски јазик, токму тоа ќе се земе како основа на создавањето независна држава.“[1470]

1905 год Г. Кальв, Русија. „Деновиве во Битолската Кааза ќе започне пописот на населението...

Дознавајќи дека ќе се бележи и национлноста и религијата, сите христијански народности од крајов коишто се ноѓаат во меѓусебна борба почнаа да прибегнуваат заради зголемување на бројот на своите приврзници пред пописот, кон поткупувања, кон закани, кон насилства и кон убиства. Појавата во последно време на многубројни банди: српски на север, грчки на југот од вилаетот; на сите оние судрувања на бугарските банди со нив, за кои имав чест да му соопштам на Вашето Високопревство во моите последни известувања, се наоѓаат во безусловна врска со претстојниот попис...

Така, на пример, жителите на едно спорно српско-бугарско село во Прилепската Кааза одбиле да ја искажат својата националност и молеле да бидат зпишани како Турци, знаејќи дека ако се наречат себеси Срби или Бугари ризикуваат да бидат испоклани од една или друга банда. Населението од едно село од Селфиџенскиот Санџак се нарекле себеси Грци, а утредента му испратиле телеграма до генерал-губернаторот со молба нивната изјава да биде сметна за лажна и изнудена, под закана на грчкиот митрополит, којшто им изјавил дека ќе ги отстрани од црквата доколку се пријават како Власи.

При ваквите услови пописот не може дад даде позитивни и верни резулти и само уште повеќе ќе ги засили непријателствта кај сите овие народности меѓу себе...“[1471]

1905 год. Леон Золотков, САД.[1472] „Грците, Романците и **Македонците** ја утврдија својата националност претходниов век, па зошто и Евреинот да не може со својата скромност, гордост, талент и енергија?“[1473]

[1470] „Σκριπ“, Αθηνα, 8 ιουλιου 1905, αρ. 9385; *Сведоштва за македонскиот идентитет (XVIII - XX век*. ИНИ. Скопје, 2010: 169.

[1471] *Сведоштва*..., 169-170.

[1472] Истакнат Евреин од САД кој се залага за формирање држава на Евреите.

[1473] *Omaha Daily Bee*. Nebraska, 14 nov. 1905; Macedonia: a True Endless Story… 05 октомври, 2019.

1905 год. Света Симиќ, Србија.[1474] Кај мене пак дојде Д. Груев минатата сабота. Случајно се најде кај мене и Д. Христов, та поминавме во дискусија повеќе од три часа. **Македонците** се уплашиле ние и Бугарите да не сме се договориле да ги делиме, та затоа само тие ваму се муртат на Царинскиот сојуз.[1475]

1905 год. Српски учител во Воден, Србија. „Г. Х. Ташковиќ многу ни наштети, сигурно од некои задни намери, со тоа што меѓу нашите луѓе **проповедаше некој словенизам и македонизам** и ги одвраќаше да не бараат српски нуфуси.“[1476]

1905 год. Македонец од САД за весникот *Б'лгарски новини* од Хопкинс. „Србите, Грците и Бугарите нѐ уверуваат дека ни се наши браќа и дека само доброто ни го мислат.

Да видиме: од една страна српските чети кога ќе навлезат во некое село ги убиваат, ги извлекуваат селаните и им го запалуваат имотот за да ги натераат да се викаат Срби и да помининат под српската духовна власт. Каква полза од тоа имаме **ние Македонците**? Од друга страна, грчките чети ќе запалат или ќе ги истепаат повеќето селани од некое село за да ги натераат да поминат под Патријаршијата. И во двата случаја турската Влада им помага во опустошувачката мисија, зашто **Македонецот** се истребува. Најпосле, секому му се познати плачевните резултати од Цончевото востание; исто така, маневрите на бугарската Влада секогаш биле егоистични и патриотските чувства на македонската емиграција биле експлоатирани.

Само едно, за жал, останува верно: **Македонецот** скапо има плаќано за 'братските' чувства...

Тешко е да се определи дали разорувањето од Турците е поубиствено за **Македонците** или она од нашите браќа: Србите, Грците и Бугарите...“[1477]

1906 год. Света Симиќ, Србија. „Веќе е поинакво расположението меѓу овдешните **Македонци**, кои, како што барем ми се има причинето според

[1474] Света Симиќ бил српски дипломат во Софија. Неговите разговори со македонските лидери од МРО ги пренесува на Јован Јовановиќ-Пижон, началник на Конзуларното одделение при Министерството за надворешни работи на Кралството Србија.

[1475] Царински сојуз - склучен меѓу Србија и Бугарија 1905 год.

[1476] Ристовски, Б. *Историја на македонската нација*..., 233.

[1477] „Разбираме ли се?“ *Български новини*. Хопкинс (САД), 1, 6. 20.5.1905: 1; Ристовски, Б. *Појави процеси*..., 125-266.

вчерашниот разговор до Д. Груев, се вознемирени. Изворот на оваа вознемиреност е од стравот од политиката инагуирирана во Ниш. Тие[1479] не можат никако да се помират со мислата дека Србија и Бугарија можат без нив, и без оглед на нив да се спогодат за основите за каква било заедничка акција на Балканот. А бидејќи, од друга страна, немаат многу доверба во личната политика на кнезот Фердинанд, постојано се под влијание на стравот дека тој при утврдувањето на Нишката спогодба не се откажал во наша корист од Скопскиот Санџак, признавајќи го како дел од Србија. За овој страв меѓу **Македонците** да не стане сеопшт многу придонесоа и последните научни публикации на д-р Цвијиќ,[1480] кои дотолку се понеповолни, доколку посилно ја чувствуваат немоќта нивните заклучоци да ги ослабат со вистинските аргументи. Во нив тие гледаат, од наша страна, како на сериозен обид својата македонска политика да ја оправдаме со научни поставки и да ѝ дадеме нова ориентација, за која мисли дека иницијативата доаѓа од Радикалната партија, Д. Груев се реши, по три месеци, повторно вчера да ме побара заради известувањето на политиката од новата Влада за *македонското прашање*.

Не сакајќи да влегувам во детален разговор за ова прашање, јас му го обрнавав вниманието на тешките прашања пред кои се наоѓа Србија..., а бидејќи ниту едно од овие прашања не е во директна врска со *македонското прашање* и бидејќи, од друга страна, поради денешната ситуација во Европа, е опасно да се дава посилен импулс за развојот на *македонското прашање* во кој било правец, Владата, според моето мислење, му додадов, ќе се држи кон *македонското прашање* резервирано...

[1479] Се мисли на Македонците.

[1480] Цвијић, Ј. *Македонски Словени* ... : 7-8. Во ова дело на Цвијиќ, авторот за Македонците ќе напише: „...народната маса на македонските Словени нема одредена национална свест, немала самостојно историско минато, нема свој книжевен јазик. Зборува со јазик за кој постојат три мислења: дека е поблизок до српскиот, дека е сроден со бугарскиот и дека е можеби самостоен јужнословенски јазик. Значи, нема сигурни етнографски знаци врз основа на кои народните словенски маси можат да се означат како српски и бугарски. Прашањето понатаму го усложнуваат и овие влијанија. Постојат национални и верско-национални пропаганди, и некои од нив со децении им наметнуваат на Македонците, особено на македонските Словени, своја национална свест, потоа во таа смисла им го обработуваат јазикот и им ги менуваат обичаите. Во балканските држави, кои полагаат право на Македонија, со децении низ училиштата формираат интелегенција со неточни претстави за народноста на Македонците. Секоја од балканските држави ги пребројува сите македонски Словени кон својата народност, и тоа станало чувство на поголемиот дел од интелегенцијата. ...“

Ми се чини дека и меѓу Македонците патот почнало да го пробива уверувањето дека без заедничка акција на Србија и Бугарија не може да се направи ништо добро за Македонија и дека продолжувањето на денешните спротивставености во Македонија може да доведе до солуции кои се штетни и за Србите, и за Бугарите, и за **Македонците**...“[1481]

1906 год. Михајло Марковиќ, Србија. „Је си ли Бугарин?“ „Не сум“. Је си ли Србин, Грк или можда Цинцарин?“ „Не сум. **Јас сум Маќедонац** од Велес.“ „Па у Велесу и већем делу Маќедоније живе Срби“ - рекоф. „Ба, немаја си нико таму од вашити“ - беше лаконски одговор механџијин...[1482]

1906 год. Андреј Сиротинин, Русија.[1483]

„НИЗ МАКЕДОНИЈА... Македонија! Само при спомнувањето на тој збор во главата возникнува крвав призор на раздор и војни - не за проширување на територија, не за откривање нови трговски пазари, туку за основни и првични достоинства на човекот - за правото на живот. Нема земја што би била толку напоена со солзите на народот, со крвта на своите деца...

Македонија - шарена мешаница на народности, испреплеткани едно со друго како змии во клопче. Од етнографската карта на Македонија трепери пред очите: народите се вклештени овде еден во друг толку што е невозможно да се одделат...

Словенскиот карактер на Македонија е беспорен. Уште Византијците ја викале Македонија Словенија, но кон кој од словенските народи припаѓаат тие **македонски ’Словени‘** - тоа е прашање вонредно темно и замрсено. Бугарите ги сметаат за Бугари - Србите за Срби... На таков начин малку е што **македонските Словени** ги душат Турците и ги колат Грците и Албанците, тие уште служат како објект на братонеподносливата бугарско-српската расправија, и словенска Македонија не може да најде ни црврста ни договорна помош од страна на соседните независни словенски држави ниту, пак, самата да им даде концентриран отпор на туѓите претензии, поради тоа што се разјадува со длабока внатрешна жива рана. На чија страна во тој спор треба да застане Русија? Поинаку речено, на чија страна е правдата - на бугарската или српската?

Можеби ниту на едната ниту на другата. ...

[1481] Архив Србије, МИД,ПО, М/18, ф.V, дос. VI/390.

[1482] Марковић, М. *Моје Успомене*. Београд, 1906: 313-314.

[1483] Андреј Сиротинин бил новинар и дописник на историско-литературното списание *Историски весник*. Тој за состојбите во Македонија направил свој прилог по посетата на Македонија, патувајќи за Бугарија 1906 година.

Нам ни се чини дека шармот на Русија би бил вистински ако нашите претставници би се јавувале како доследни цврсти служители на правдата, непопустливи застапници на слабото и угнетувано словенско население.

Нема да ја криеме вистината, оние поради кои постојат нашите конзули во Македонија, месните **Словени**, често во нас не наоѓаат потпора на која со право би можеле да сметаат. Незадоволството се слуша премногу јавно и ние го споделуваме него со меѓународната комисија, туторот на Македонија. Во очите на многуте чувари на **македонските Словени** гледаме како беспокојни бунтовници, а таквиот поглед им оди на рака само на Турците и Грците, над кои тие се покровители...“[1484]



Надгробна плоча на Стојан Петров **Македонец.** Починал 1906 во САД. Јуџин Борза во своето истражување на описот во САД од 1920 евидентирал 228 граѓани на Стелтон, Пенсилванија, кои се изјасниле дека биле родени во „Македонија“ и дека нивниот мајчин јазик е „македонски“.[1485]

1906 год. Стефан Салганџиев, Бугарија.[1486] „Во тоа време беше завеал оној ветар на одамна замисленият план од некои учители од Западна Македонија, според кој македонската младина да се ограничи да учи и да се развива исклуливо на **македонско наречје** и за таа цел беа почнале да издаваат и издадоа неколку учебници на тоа наречје, дел од кои беа

[1484] Станоевски, Ц. *Како* ... : 143-150.

[1485] marPedia. Macedonia Redux - an essay by Eugene N. Borza, November 21, 2020.

[1486] Бугарски учител и преродбеник.

складирани во магазата на еден од Бошковите прогонувачи (во Солун)...[1487] Новиот учител беше родум од Охрид и роднина на претседателот на Солунската црковна општина, Д. Паунчев. Тој бил роден од мајка Бугарка, а татко Куцовлав - Цинцарин, а самиот зборуваше сосема неправилно.[1488] Кога беше запрашуван на која од споменатите две народности припаѓа, тој одговарше: *Јас не сум ни Бугарин ни Грк, ниту пак Цинцарин;* ***јас сум чист Македонец****, какви што биле Вилип и Александар Македонски и Аристотел Вилозоф*.“[1489]

1906 год. Блаже Крстев-Биринчето, војвода.[1490] „Братко, да се научиш оти го зедов писмото твоје и разбрав сѐ што ми писуваше, и тоја што ми писуваше. Народо многу во мака го донесовме така верно ет, от кого е кабаетот, вие не велите оти е от нас, а ние не велиме оти е от вас. Само на мојето знаније има десет години, како сум борец за Македонија, никаква колачка во тие години немавме ни, пак, разлика на србомани ни, пак, на бугараши. **Македонски борачи** бевне и до крај ка се бориме за **македонскиот народ**, а не се бориме за Бугарија или за Србија и Грција, тија сат слободни и си живеат и си пијат по ладните меани, има право да пијат оти побрго турите крфта. Ни треба што сме от македонска земја, треба за Македонија да работиме оти македонските браќа гинат по патиштата и македонските сестри се обесчестени от клетио Турчин, от мрскиот Турчин. Ни је не сме против на никоја народнос нито на Бугарија, Србија и Грција, кјои ќа ми поможит, није ќе му признајме нивната добрина. Ако имала тука земија Србија, бугарска или грчка, требало да не чекат ние да умираме по планињето, но тие со војската да ја ослободеа Македонија, тогај можеа да барат српска земија, или бугарска и грчка. Сега ние от ними помош да не чекаме... Штом сме **македонски војводи**, за **македонскиот народ** треба да работиме...“[1491]

[1487] Се мисли на цариградски учител Бошков наложен од егзархијата, кого Македонците од Солун не го прифаќале за учител.

[1488] Се мисли на тоа дека не зборувал правилно бугарски јазик.

[1489] Салганджиевъ, Ст. К. *Лични дѣл и спомени по вѣзрждането на солунскитѣ и сѣрски бългри или 12-годишна жестока неравна борба съ грцката пропганда*. Пловдивъ, 1906: 34-35.

[1490] Писмо на крушевскиот војвода Блаже Крстев-Биринчето до неговиот брат, војводата Душан, од просрпската чета во с. Бистрица, Велешко.

[1491] *Документи за борбата…*, том 1: 490; ДА ССИД - Фонд Извршног одбора Српске народне организације Ф-6, 1906 г. (несредени архивски материјали).

1906 год. Блаже Крстев-Биринчето, војвода.[1492] „Поздраф за браќата Црешневски. Данас смо получили едно писмо од ваша страна и името нема никакво. Сум чул оти сте станале вије Срби... доста го влековме меремот, вије нас браќа не прејте Бугари. **А бре браќа, ни вије све Срби ни није сме Бугари**. Ако допрашате да си се фатиме за рака сите, да си не тргаме маки ни вије ни није...“[1493]

1906 год. Јане Сандански, војвода. „За **македонскиот народ** е кобно, но и за Бугарија, македонското прашање да се третира како прашање за национално прашање на Бугарите. Сите што агитираат во Македонија или надвор од неа на базата - ослободување и обединување на Бугарите - треба да бидат пречекани непријателски од ВМОРО, така како што се пречекуваат од Организацијата српските и грчките чети.

Македонското прашање не може да се реши доколку се постави како бугарско прашање. Луѓето што се на второто гледиште ѝ се продале на бугарската Влада.

Треба да се работи за будење на свеста на масите дека тие се посебен народ, дека имаат право на слободен живот и дека треба да се борат за извојување на својата слобода без да се потпираат на туѓа помош. Тие кои би дошле да ги ослободат, всушност, потоа ќе ги поробат.

Јас не го очекувам брзото ослободување на Македонија. До тоа може да не се дојде додека сум жив, но сакам да го зачувам народот и да го организирам, та ако дојде до тоа, тој ќе ја добие својата слобода.“[1494]

1906 год. Александар Цанков, Бугарија.[1495]„Ќе се обидам да докажам дека единствениот благопријатен услов за натамошниот напредок на балканските државички, за нивната самостојност, се темели единствено врз нивниот сојуз заснован на: автономна Македонија, Македонија, таа страдална земја на многу маченици и јунаци...

За почетокот на **македонското движење** не може да се определи хронолошки точен датум. Тој се совпаѓа со почетоците на слободарските стремежи кај сите јужни Словени поробени од турскиот режим... Ете зошто кога се обидуваме да го окарактеризираме движењето и да ги откриеме првичните моменти на

[1492] Писмо на војводата до жителите на с. Црешнево во кое ги повикува да се обединат како Македонци.

[1493] *Документи за борбата*..., том 1: 491; ДА ССИД - Ф.6, 1906.

[1494] Силяновъ, Х. *Освободителнитѣ борби на Мкедония*, томъ втори. София, 1943: 498.

[1495] Алексндар Цанков (1879 - 1959), бугарски професор, академик, новинар, политичар, премиер на Бугарија.

настанокот ние треба да ги разоткриеме заедничките фактори кои дејствувале и кои имале решавачко значење во развојот не само на македонското прашање туку и за сите поробени балкански народи под турска власт, а **најмногу за нас Бугарите, кои сме многу блиски со Македонците...** Покрај другите несреќи на **Македонците**, сè уште под ропство им тежат и неподносливите даноци...

Под влијание на изненадувањето дека Македонија, според решенијата на Берлинскиот конгрес одново ќе остане турска провинција, поинтелигентните **Македонци** во Бугарија, Источна Румелија и Македонија, уште кон крајот на 1878 година го организираа веќе познатото 'Кресненско востание'...

Како што се одвиваат работите во Бугарија, **Македонецот** станува полноправен граѓанин. Има можност да учествува во управувањето и во општествениот живот во државата... Од друга страна, емигрантот **Македонец** што ја загубил живеачката во својата татковина, доаѓајќи кај нас ги преценува сите предности на нашиот политички режим... верува дека неговата егзистенција ќе се подобри ако наместо Турција негов господар биде Бугарија, која, како што размислува тој, ќе му ги врати сите нешта: имотот, домот, заедно со сите граѓански права и друго. Тие чувства на несреќниот **Македонец** умеат бескрајно да го експлоатираат бугарските влади. Така, тој совршено чист во своите чувства, но затоа, пак, лесноумен, несетно станува оружје на злокобната политика, која веќе долги години ја водат бугарските државници кон Македонија и кон бугарскиот народ...

Најнапред нашите, и бугарски и српски стремежи, немаат морално чиста основа. Ние, и Србите и Грците, со своите најмали аргументи за претензии кон Македонија ниту сме способни ниту, пак, доброволно ќе одиме да војуваме со Турција од една братска желба да му дадеме слобода на еден страдалнички народ, зошто нашите погрешно разбрани стопански и политички интереси нè наведуваат да имаме поинакво однесување. Да криеме ли, зошто се мачиме да го лажеме светот оти не ќе спроведуваме една освојувачка политика кон Македонија?...

Тврдам дека сето тоа добро го знаат некои **македонски дејци** и јасно согледуваат дека на Македонија не ѝ останува ништо друго освен самата да војува за својата слобода. Тие со години да го подготвуваат и го подигаат умственото и моралното ниво на масите за да станат способни и достојни сами да си ја извојуваат својата слобода, не од некого да им биде подарена како незаслужена милост. Тие го подготвуваат **Македонецот** да војува и

неколкупати веќе беше потпален слободарскиот оган зад Родопите и Рила...[1496]

Што се однесува до спротивставеностите на балканските државници и посебно меѓу балканските Словени - Бугари, Срби и Македонци, тој се должи, покрај другото, и на злите намери што ги имаме едни наспроти други...

И така, нашата и српската задача е, најпапред, пред да создадеме свест во народните маси; заедно со тоа ќе треба да ги разгледаме фалшивите гледишта, односно својот однос кон нашите блиски и сродни соседи и најпосле и за нашата сопствена судбина...[1497]

1907 год. Павле Наумов, војвода.[1498]

„Браќа тополчани,

Штом ќе го прочитате ова писмо, наполно сме уверени дека малку ќе се свестите и дека малку ќе се разбудите од длабокиот сон, бидејќи вие сте заспале со таков сон, па сте заборавиле што е човештина. Јас не ве познавам добро; од кога сте станале Срби? ами се зачудив кога дознав дека вие сте Срби. Многу арно знаете браќа дека во Тополчани **нема Срби**, **нема Грци**, **ниту, пак, Бугари**. **Ние сме Македонци**. Србија за Србија, Грција за Грција и Бугарија за Бугарија. Секој што работи тоа и ќе биде. Значи, она што ќе се заработи со своја пот тоа му е слатко, како што е и нашата работа. Ако барате друга држава да ни заповедува, тогаш добра ни е и Турција. Знајте браќа, дека под друга држава ќе ни биде многу полошо. Како што сте се заколнале дека ќе работите за народната работа, не треба да се откажувате до капка од крвта, не треба да ги заборавите нашите браќа која ја пролеаја со текот на толку години. Многу е жално и срамно пред народот, а исто така и пред Европа, бидејќи Европа знае каде има Срби, Бугари и Грци. Не треба да се нарекувате Срби, а сетете се како зборувате со своите деца во куќата, бидејќи сум уверен дека не изговарате ни еден српски збор, а не заборавајте какви беа нашите татковци и дедовци. Значи, какви сме од старина тоа сме и денес, а според тоа не сме ни Срби, ни Бугари, ни Грци. Погледајте ги околните села, па тогаш како вие можете да се нарекувате Срби. Жално е браќа, што сме многу прости, та поради таа простота сè се натрупало во нашите глави... Овде нема Срби, па според Србите овде

[1496] Цанков, А. *Македонското прашње и Балканскиот сојуз*. Скопје, 2008: 40-42, 49, 58, 61-62, 68, 87-93.

[1497] Истото, 114-115.

[1498] Писмо на војводата Павле Наумов до селаните на с. Тополчани во кое ја објаснува суштината на македонската борба.

немаат место за работа. Србите треба да работат таму каде што имаат свои луѓе, таму на Косово што тие го нарекуваат Стара Србија...“[1499]



Војводата Павле Наумов

1907 год. Селаните од селото Тополчани до Павле Наумов.

„Господине Павле,

Писмото ваше што скоро ни го пративте го примивме и научивме све што ни пишувате. Како што велите, у писмото оти нема Грци, Бугари и Срби, овде у Македонија истина је, и као што пишавте оти Грците си работат за Грција, Србите, за Србија и Бугарите за Бугарија, права истина је, а и Јевропа знај много арно оти е така, оти сме није **Маќедонци**, кога се размати народо у Македонија и ние целио народ се делиме у много народности - ни го сторија оближните држави и сега нити није нити вије можите да се делите од својата народност...

[1499] *Документи за борбата*..., 492; (ДА ССИД - Фонд Министарства за спољне послове Краљевине Србије - Политичко-просветно одељење Ф. 1, ред. бр. 9/1907).

Колку за тоа што ни пишавте оти спијаме во длабокиот сон, не је баш така, није сме разбудени много арно и не спијаме, така да знајте, а колко да се откажиме од својата ни српска народност, тоа само не можи да биди и пак нија не се делиме од браќата наши и секи пат сме да их споможимо сашто било као и понапред.

Така, браќа наши, да знајте, и немајќи друго што да ви пишиме, молимо Бога да ова писмо најди у арен живот и весело здравје..."[1500]

1907 год. Стеван Костадинов, војвода.[1501] Во неговото предупредувачко писмо до раководителите на селото Тополчани кои соработувале со претставници на српската пропаганда, меѓу другото, се вели:

„Примете поздрав од мене Стефан Костадинов, полски војвода,

Кога се започна работата во нашава ропска земја и се напечати Уставот, вие знаете каква беше целта на робот. Во Уставот пишува дека сите без разлика на народност и вера ќе работат дружно за остварување на општите идеали: полна автономија на робот на нашата земја. **Не пишувале дека ние ќе работиме за Бугарија, Србија или Грција, туку дека ќе работиме сами за себеси.** И вие на тоа згора, како и сите други, положивте клетва дека ќе се борите до крај, додека не го скршиме тој гнил јарем. Впрочем, се јавија луѓе сребролъупци кои само за пари се разделија од општиот пат и образуваа два непријателски лагери кои се мачат да ѝ попречат на Организацијата."[1502]

1907 год. Јане Сандански, војвода. „Сите кои агитираат во Македонија и надвор од неа за ослободување и обединување на Бугарите, Од Организацијата треба да се пресретнуваат како што се пресретнуваат српските и грчките агитациски чети. Работиме на будење на масите дека се самостоен народ, дека имаат право на слободен живот и треба да се борат за извојување на своја слобода без туѓа помош. Затоа што тие кои би дошле да ги ослободат ќе дојдат да ги поробат."[1503]

1907 год. Виктор Кал, Русија. „Населението е измачено од братоубиствена борба и тоа ќе се стреми единствено кон мирот и моли за нормални животни услови. Ова движење според моето скромно мислење, е **чисто**

[1500] *Документи за борбата…*, том 1: 493/; (ДА ССИД - Ф.1, ред.бр. 9/1907).

[1501] Војвода од Леринско.

[1502] *Документи за борбата…*, том 1: 495; (ДА ССИД - Ф 1, ред, бр. 9/1907, Министерство за надворешни работи на Србија).

[1503] Пасков, Р. *Борис Сарафов, 1872 - 1907*. София, 1996: 264-265.

македонско, а не бугарско, како што претпоставуваат Турците, меѓутоа, секако дека Бугрија него лесно може да го искористи за себе...“[1505]

1907 год. Д. К. Семантовски-Курило, Русија. „Убиството на Борис Сарафов не треба да се смета за неочекувано; и тоа самиот нему и на неговите приврзаници одамно им беше познто дека тој е осуден на смрт од одделната негова група **Македонци** уште пред две години, заради злоупотреба на сумите што му биле доверени од Македонскиот комитет... Врховниот македоно-одрински комитет што постои под претседателство на резервниот генерал Цончев, којшто ја игра улогата на око на кнезот Фердинанд во македонските работи, спроти силата на внатрешните раздори пред две години се распадна на две организации: внатрешна, во која влегоа **коренитите Македонци**, што се стремат кон автономија на трите европски вилети на Турција, и надворешна, која во поголемиот дел се состоеше од луѓе, родени во слободна Бугрија, што војуваат за ослободувњето на Македонија од под турското иго исклучително - како што тоа го тврдеше противничката страна - со цел за нејзино присоединување кон Кнежевството. На првата ѝ припаѓаа Сандански, Чернопеев и другите Македонци... Кон другата новосоздадена организација припаѓаа: резервниот полковник Јанков (убиен минатата година од Турците), Сарафов, Гарванов, Матов, резервниот полковник Николов и др.[1506]

1907 год. М. Петрајев, Русија.[1507] „Како заклучок по завршувањето на обиколката на јужниот дел на Битолскиот Вилает со генералниот инспектор Хилми-паша, од 26 до 28 август, можам да нагласам дека самото население почнува мошне забележливо да се чувствува оптоварено од пропагандите и тоа најискрено бара да биде оставено на мир. Во Костурската Кааза кај нас доаѓаа делегации од селата кои изјавуваа дека не ги сакаат ниту грчките, ниту бугарските учители и свештеници, туку молат да им бидат дадени македонски. **На прашањето за нивната националност овие одговараа дека се Македонци**. Таквите појави се далеку од тоа да се поединечни, покажуваат дека христијанското население на Македонија е изморено од угнетувањето од најразличните пропаганди и дека кај него почнува да се разбудува национално самосознавање коешто се разликува од оние што му се наметнуваат отстрана.“[1508]

[1505] Истото: 203-204.

[1506] Истото: 210-212.

[1507] Руски цивилен претставник во Македонија.

[1508] Истото: 139.

1907 год. Весник *Меркјури*, Австралија. Под наслов „Убиени **Македонци** - Паница во бегство“, австралиските медиуми и по завршувањето на востанието проблемот на Македонците редовно и будно го следат: „**Македонецот** по име Паница отворил оган и ги убил Сарафов и Гарванов и двајцата познати револуционери пред неколку дена додека тие разговарале пред куќата на Гарванов...“[1509]

1907 год. Весник *Вестерн мејл*, Австралија. „Добро познатиот револуционерен водач Борис Сарафов, кој неодамна бил убиен во сопствената куќа од страна на еден **Македонец**, бил од **македонска националност**. Тој имал само 31 година. Како момче бил пратен во Бугарија за да стекне основно образование. Потоа тој продолжил во Санкт Петерсбург и ги завршил своите студии во Воената академија во тој град.[1510] Тогаш ѝ се придружил на бугарската армија и се покажал како многу способен офицер. Се истакнал во 1895 год. кај опсадата на Мелник, кој го освоил молскавично. Во 1899 год. поднел оставка на својата должност. Првите години од својот живот тој ги поминал во промовирање на интересите на Бугарија во Македонија, поттикнувајќи ја идејата дека **Македонија** треба да ѝ припаѓа на Бугарија. Подоцна тој го променил мислењето и својата енергија ја насочил кон формирање нова балканска држава за која ја усвоил формулата „**Македонија на Македонците**“. Како резултат на тоа, тој станал непосакувано лице во Софија и на крајот бил уапсен и протеран од Кнежевството. Неговите променливи ставови резултирале со серија поделби во **Македонскиот комитет** што во еден момент го парализирало револуционерното движење. Тој имал водечка улога во **Македонскиот бунт**[1511] од 1903 год. Пресудата за исклучување подоцна била поништена.“[1512]

[1509] *Македонија во странскиот* ... : 74-75; („Убиени Македонци - Паница во бегство“. *Меркјури*. Хобарт, 16.12.1907: 5).

[1510] Борис Сарафов во Санкт Петербург престојувал само 4 месеци, каде што се школувал на тамошната академија, меѓутоа, неговото образование го завршил во Софија.

[1511] Илинденското востание.

[1512] *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 78-79; „Револуционерен водач“. *Вестерн мејл*. Перт, 1.2.1908: 44.



NATURALISATION NOTICES.

Naturalisation Notices, 6/ per insertion Ordinary Formula.

I, DIMITRY ANTHONY KOCHOFF, of Macedonian Nationality, born at Komomlaty, Macedonia, and resident 5 years in Australia, now residing at Narembeen, Western Australia, intend to apply for Naturalisation under the Nationality Act, 1920-30.

Оглас во австралиски весник, Австралија (1907 - 1908):
,,Димитри Антони Кочов од македонска националност, роден во Кономлади, Македонија“

1907 год. Михаил Герџиков, војвода. По распитот од обвинител по убиството на Сарафов и Гарванов, меѓу другото, изјавил: „Јас не се чувствувам ниту Бугарин, ниту Србин, јас сум **Македонец.**“[1513]

1907 год. Рене Пино, Франција.[1514] „Дали **македонските Словени** се Бугари или Срби? Јас се решавам да одговорам дека тие не се потполно Срби ниту Бугари...“[1515]

1908 год. Петар Ацев, војвода. „Политичките барања остануваат исти, добивање на саканата автономија без која **Македонецот** не ќе се почувствува слободен во својот живот.“[1516]

1908 год. Амадори Вирџил, Италија. „Ново позитивно локално средување... би можело да го претставува силното и цивилизираното обновување на осмалиското општество или создавање еден вид единствена македонска националност, тоа е ниту грчка ниту бугарска ниту српска...“[1517]

[1513] Весник *Вечерна поща*. София, 18 дек. 1907.


[1514] Мошне познат и влијателен француски публицист.

[1515] *Дело: О македонским Србима*. Београд, 1912, 49; „Les questions actuelles de politique étrangére en Europe“. *Conferences organisees á la Société des anciens éleves de l' École libre de Scinenee politique*. Paris, 1907: 178.

[1516] Ацев, П. *Спомени*, 222; Миноски, М. *Петар Ацев*. Скопје, 2016: 180.

[1517] *La Questione Rumeliota (Macedonia, Vechia, Serbia, Albania, Epiro) e la politica italiana*, Vol. I. Bitonto, 1908, XI; Dogo, M. *Dinamitot*…, 171.

1908 год. Жорж Дуру, Франција.



GEORGE DURUY

PROFESSEUR D'HISTOIRE ET DE LITTÉRATURE
A L'ÉCOLE POLYTECHNIQUE

École et Patrie

L'HISTOIRE DE FRANCE A L'ÉCOLE PRIMAIRE
IL Y A VINGT ANS — L'HISTOIRE DE FRANCE
A L'ÉCOLE PRIMAIRE AUJOURD'HUI — LE
CONTRAT ENTRE L'INSTITUTEUR ET LE PAYS
— L'HUMANITÉ ET LA PATRIE — LE PACI-
FISME ET LA GUERRE — L'ANTIMILITARISME
ET L'ARMÉE

DEUXIÈME ÉDITION

PARIS
LIBRAIRIE HACHETTE ET Cie
79, BOULEVARD SAINT-GERMAIN, 79

1908

42 ÉCOLE ET PATRIE.

rogatives du tribunal d'arbitrage de La Haye — cet humble commencement d'une chose qui sera très grande — soit ! Mais quant à ma patrie, — *ma patrie qui est, ma patrie qui n'a pas terminé* sa tâche dans le monde, ma patrie qui a des services encore à rendre à l'humanité future — *qu'on ne me parle pas de la dissoudre dans cette* nébuleuse qu'est présentement et pour des siècles l'humanité !

Quand auront cessé de se haïr Tchèques et Allemands, Bulgares et Grecs, Macédoniens et Turcs, Tatars et Arméniens ; — quand les Chrétiens auront cessé de mépriser les Juifs et les Musulmans de mépriser les Chrétiens ; — quand il n'y aura plus de guerres de races comme celle qui demain peut-être va mettre aux prises les Blancs d'Amérique et les Jaunes du Japon et de la Chine ; — quand un Président de République aux États-Unis pourra, sans être honni, donner publiquement la main à un nègre ; — quand auront disparu ces Pélions de préjugés, surmontés de ces Ossas de rancunes, qui aujourd'hui se dressent entre les peuples, entre les races, entre les religions ; — alors, les temps étant accomplis, la nébuleuse condensée en astre, l'heure sera venue peut-être de déclarer insuffisante la

Книгата на Жорж Дуру *Училиштето и татковината* (1908)[1518] во која што покрај другите народи се споменуваат Македонците.

1908 год. Ален Апвард, Велика Британија.[1521] „Македонските села... Јас го прашав него[1522] каков јазик зборуваат тие и мојот грчки преведувач невнимателно одговори - бугарски. А човекот самиот рече - **македонски**. Јас обрнав внимание на овој збор и очевидецот објасни дека тој не го смета селскиот дијалект што се употребува во Македонија за истоветен со бугарскиот и одби да го нарече со тоа име. **Тоа беше македонски, словенска форма на македонскиот јазик**, којшто јас го чув посеверно од грчката форма: македонике.

1518 https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/03/1908_George-Duruy-Ecole-et-Patrie.-pg.42-768x1190.jpg.

1521 Спомени на Ален Апвард, британски публицист која посетил Македонија.

1522 Се однесува на селанецот.

И 'бугарофонските' жители не сакаат повеќе да зборуваат бугарски. Тие доброволно исковаа нов израз и отсега нивниот дијалект, додека не се ослободат од него, ќе се вика **'македонски'.** Моите атински пријатели беа восхитени кога им го раскажав ова по моето враќање. Тоа би им дало дури големо задоволство на оние бугарски претставници кои се загрижени кога ќе видат дека **Македонците мислат оти се Македонци**."[1523]

1908 год. Весник *Кери*, Грција. „Сандански бил носител на голема идеја која требало да го привлече вниманието на нас - Грците. Тој секогаш се борел за слободата на Македонија и никогаш не се насочувал да работи за Санстефанскиот договор и за присоединување на Македонија кон Бугарија... сега Сандански... се наоѓа во Солун, учи и држи говори за заедничко дејствување на Грците на словеногласните Македонци. Како што кажа, тој ја подава својата десница да работат Елините и Славофоните за македонската татковина. Според нас, ние Грците не треба да ја отфрлиме неговата десница... тој може да помогне со што било, да се вратат под Вселенската патријаршија, да изучуваат грчки јазик и грчка книжевност, да се уништат бугарските училишта и да отворат други во кои ќе се изучува **словеномакедонскиот**, заедно со грчкиот јазик. Овие нешта не се мачни и може лесно да се убеди, како што се надеваме, Сандански, поради неговите **македонски погледи** и неговото конечно оддалечување од бугарската борба."[1524]

1908 год. Весник *Тесалија*, Грција. „Јане Сандански дал едно интервју за овој весник и, според напишаното во него, Јане за населението во Македонија сметал дека: „...пропагандата го поделила населението на Бугари или Срби, Грци или Власи, но христијанското население требало да се смета само за **македонско** и да дејствува во таа насока."[1525]

1908 год. Виктор Кањ, Русија. „Деновиве посетив неколку од најблиските села во Флоринската Кааза[1526] за да се запознам со расположението и да се информирам за резултатите од емиграционото движење,

[1523] Upward, A. *The East End of Europe*. London, 1908: 204-205.

[1524] Јовановски, Д. *Јане Сандански и автономијата на Македонија - грчки погледи од август 1908 година: Ослободителните борби на Македонија од Источната криза до Балканските војни*. БАН. София, 158-159; Ανταποκριτης, Ο Σανδασκης προτενει συνεργασιαν, Καίροι, ετ. 36ον, αρ. 161, 31 ιολου 1908, σ.4.

[1525] Јовановски, Д. *Јане Сандански и* ... :160.

[1526] Се мисли на Леринската Каза.

коешто овде доживува остра криза поради крупните крахови и затворање голем број комерцијални и трговски фирми во Северна Америка.

Како што му е извесно на Вашето Височество од моите извештаи, емигрцијата и се започна од Флоринскта Кааза, така што е според оваа кааза можно да се суди и за нејзините резултати. Поголемиот број **Македонци** што зминаа 1903 година во Америка веќе се вратени во татковината. Тие беа заминати во годината на востанието, кога револуционерното движење најсилно ги имаше опфатено умовите; многумина и од самите нив зедоа активно учество во ова движење, па отаде и не е чудно што овие луѓе, макар и донекаде оладнети од долгата и упорна работа, се вратени во татковината со доста остро изразени национални идели...

Финансиските крахирања во Америка ја подзадржаа за извесно време емиграцијата од Битолскиот Вилает. Што се однесува до **Македонците** кои се наоѓаа во соединетите држави, не би можел да тврдам без достатно сведенија дека последнава криза во Северна Америка нема да се одрази врз благо-состојбата на оние што работат таму. Колку што ми успеа да појаснам од разговорите со лицата неодамна вратени од Америка, како и од писмата добиени отаде, положбата на **Македонците** таму малку се изменила. Некои за сосема кусо време останале без работа, други морале да се задоволат со намалени плати, трети, очигледно, без да успеат да дојдат до посакуваните износи на печалбите, неопходни за купување земја овде, се враќаат во татковината порано од замисленият рок. **Македонците** поради нивните ретки работни особини: издржливост, неразгаленост и трезноста, поради тоа релативно малку настрадаа и, во секој случај, од последните финансиски крахирања тие не беа исфрлени од Америка како илјадниците други европски емигранти...“[1527]

1908 год. Г. Кал̀ь, **Русија. „**Како што веќе имав чест да соопштам со телеграма до вашето Превасходство, на 18 овој месец дојдов во Битола. Бугарски чети од сите ’околии‘ што се предадоа на чело со нивните војводи, војската, офицерите, граѓанските власти и населението од градот им излегоа во пресрет и свечено ги поздравува како херои. Напред носеа грамадно црно знаме со изобразен череп и коски со натпис ’На паднатите борци за слобода‘. Кон знамето беше придодадена фотографија на бившиот главен началник на Внатрешната македонска организација - Дамјан Груев. По него следуваа

[1527] Дракул, С. *Македонија меѓу* ... : 235, 237.

вооружените чети од сите реони, секоја со своето знаме... јас се обратив до началникот на Организацијата на Битолскиот Округ, Милан Матов, којшто одеше напред. Тој ми соопшти дека тоа го сториле 170 души четници, 20 околиски и реонски војводи и 50 души од народната милиција. На прашањето - 'Сите ли се Бугари?' - тој одговори - 'Меѓу нас нема Бугари, има само двајца, дојдени од Бугарија: сиве ние сме **Македонци.**'

Овој одговор е многу карактеристичен. Секому овде му е познато дека Внатрешната организција беше поддржувана од Бугарија и во Софија имаше свој главен центар, а дека една од првите нејзини задачи ѝ беше да го развие меѓу населението сознанието дека тие се Бугари. **Одрекувајќи ја сега својата бугарска националност**, Организцијата покажува дека врската со Бугарија се прекинува и дека ова предавање очигледно произлегува од настојувањето на месното население, можеби дури и наспроти желбата на Бугарија.**"**[1528]

1908 год. Весник *Пучки пријатељ*, Хрватска/Австро-Унгарија.

„*Македонија на Македонците*. Поголемот број од **Македонците** не сака Македонија да се приклучи ниту кон Бугарија ниту кон Србија ниту кон Грција; тие бараат на Македонија да ѝ се додели самоуправа, да се ослободи од турското владеење и на нејзино чело да се постави христијански кнез..."[1529]

1909 год. Книга *Елинизмот во Македонија*, Грција. Авторот или авторите на оваа книга забележале дека Славофоните во Македонија, како што тие го нарекувале македонското население, без разлика колку често ја менувале својата припадност, на крајот говореле: „**Ние сме Македонци.**"[1530]

1909 год. М. Петрајев, Русија.[1531] „Македонија (термин поскоро политички отколку географски) опфаќа во себе дел од провинцијта на Европска Турција; имено, вилаетите: Солунскиот, Монастирскиот и околу половина од Косовскиот. Нејзиното население би можело да изнесува приближно до 2 500 000 души. Според општопроширеното мислење што го потврдува и турската официјална статистика, тоа се состои од: Турци, Албанци, Грци, Бугари, Срби, Куцо-Власи, Евреи и Цигани. Во самата сушност, доколку бидат изделени од оваа класификција наполно определените самостојни типови: Турците, Евреите и Циганите, елемент придојден којшто си ја сочувал

[1528] Дракул, С. *Македонија меѓу* ... : 377-378.

[1529] „Turska". *Pućki Prijatelj*, br. 1. Krk, 1908: 1.

[1530] Истото, 83-84; (Ο Ελληνισμοσ εν Μακεδονια Ο Ελληνισμοσ, εν Αθηναις, 1909, 34.)

[1531] Петрјаев, руски дипломтски претставник во Битола и Македонија од 1903 - 1912 год.

својата индивидуалност, тогаш останатото население претставува самото по себе свој наполно посебен, смешан ’**македонски тип**‘, којшто е неможно да биде подведен под ниту една од познатите етнографски групи. Сите именувања што му ги даваат нему: Бугари, Грци, Срби, Албанци и Романци (Куцо-Власи), се јавуваат единствено како политички етикети што му ги натрупуваат соседните со Македонија балкански држави, вака или инаку заинтересирани за нејзината судбина.

Историски осврт

Прашањето за тоа - што се **Македонците**? останува во науката досега отворено. Нив едни ги сметаат Пелазги, други древни Тракијци. Изучувањето на историјата на месностите, што сега влегуваат во составот на Македонија, покажува дека типот на Македонецот во неговиот првичен и чист вид не е дојден до нас, и дека во текот на неколку столетија, почнувајќи приближно од четвртиот век на нашава ера, тој бил подложуван на разни измени, под силните туѓострани влијанија: од запад - латинските, од југ - грчко-византиските, од исток и од север - славјанските. Римјаните, Грците, а по нив Бугарите и Србите, се појавувале на Балканскиот Полуостров и, повремено, господарејќи со него на смени, се мешале со коренитото население и оставале врз него траги на својата државност и култура, а исто така и етнички особини. Природно дека тоа надворешно влијание се одразувало најсилно во пограничните места, што служеле како еден вид врати за навлегување на туѓинците...

Влијанието на Словените

Славјаните, чијашто појава на Балканскиот Полуостров се однесува кон VIII век, проникнале посебно во Македонија во IX век и во столетијата, што следуваат потоа... од IX до XIV век се води огорчена борба меѓу Бугарите, Србите и Византијците, коишто станувале наизменично и по неколкупати владетели над оваа провинција. Така траело тоа сѐ до појавата на Турците... Од почетокот на XX век тие се искажуваат под видот на различните националистички пропаганди и доведуваат до онаа ужасна меѓусебна борба, чиишто сведители сме денес ние во Македонија...

Современиот македонски тип

Мојот шестогодишен престој во Македонија, честите патувања по оваа земја, општењето со нејзиното население, ме доведуваат до заклучокот дека во Македонија нема ниту Грци, ниту Срби, ниту Бугари, ниту Романци во онаков вид во каков што ги среќаваме нив во соодветните на овие

национални држави. **Македонецот** ги носи во себе карактерните црти на разните националности, повеќе или помалку јасно изразени, во зависност од местото, меѓутоа, во најголемиот број случаи тој сосема му се приближува на славјанскиот тип.

Наречијата на кои се зборува во Македонија содржат во себеси многу славјано-грчки елементи и корени, така што воопшто не му соодветствуваат нити на грчкиот, нити на бугарскиот, нити на српскиот, нити на романскиот јазик. Домородците од овие држави, кога ќе дојдат во Македонија, со тешкотии ги разбираат, а поедини пати и воопшто не ги разбираат своите македонски роднини...

Самите Македонци, меѓутоа, прекрасно си даваат пред себеси за тоа сметка. За време на моите пропатувања по Македонија, кога се обрнував кон населението на ова или на она место со прашањето на која националност тоа ѝ припаѓа, тогаш, без измена го добивав одговорот дека тие се 'Македонци' и единствено жителите на пограничните области, соседни со балканските држави, се нарекуваат себеси: Бугари, Срби, или Грци. Во сегашно време практиката на сегашната живеачка ги има создадено своебразните етнографски именувања: гркомани, бугаромани, србомани и влахомани, со коишто се преименува себеси населението во зависност од припадноста кон едната или кон другата од националистичките пропаганди. Овие термини, според моето гледање, да не може подобро ѝ соодветствуваат на дејствителноста."[1532]

[1532] Дракул, С. *Македонија меѓу* ... : 61-65.




Хрватска разгледница од околу 1910 год. со мотив на жена облечена носија „алатурка“ на која пишува „Macedonkinja – Macedonierin“.[1533]

1910 год. Весник *Нови лид*, Чешка/Австро-Унгарија.[1534]„А во Македонија - таму се сложени работите! Конституцијата ништо не може да направи. За тоа се виновни Бугарите што постојано испраќаат нови чети за да предизвикуваат немир и да можат потоа и да викаат на Европа дека Турците не се способни да ги спроведат реформите. Всушност, македонските Словени се подобри од австриските и ако престанат глупавите бугарско-српско-грчки пропаганди и ако му се посвети поголемо внимание на подобрувањето на културната и материјалната состојба, не ќе биде потребно да се меша Европа. Европа нема никогаш да ја реформира Македонија. (Курзивот е на анонимниот автор), зашто не ги разбира и не сака да ги разбере вистинските причини на македонската положба. **Македонија им**

[1533] Mosinger, R. Dopisnica „Macedonkinja - Macedonierin“. Svjetlotiskarski zavod. Zagreb. IG, Neuburg, PUB, 108 WURTH ST. N.Y., 6090.

[1534] Авторот е анонимен.

принадлежи на Македонците, а Македонците не се ниту Бугари, ниту Срби, туку се посебна словенска нација, преодна меѓу Срби и Бугари, исто како што нивниот јазик возникна од старословенскиот и само е замешан со србизми и бугаризми. Потребно е (смејте се на идеалите) да се оформи **македонски литературен јазик**. Сум **автономист** што се однесува до **Македонија**. Турција по секоја цена мора да остане во Европа. Таа го спаси словенскиот елемент на Балканот, Турците никогаш не однародуваа. Грците секогаш. Без Турците би го презел Балканскиот Полуостров некој друг народ - и сигурно не народ словенски.“[1535]



Разгледница од Прага во 1912 година кога бил организиран Сесловенски соколски слет. Иако Македонија во тој период не била слободна држава, македонските гимнастичари учествувале рамноправно со сите тогашни претставници на словенските држави. На предната страна од разгледницата на која е прикажана фотографија со екипата од Македонија, чешкиот издавач во легендата запишал: „Македонци на парада“. Македонската екипа, покрај традиционалните униформи за гимнастичарите, на главата носат и фесови како поданици на Османлиската Империја, која траела само уште 2-3 месеци во Македонија - до почетокот на Балканските војни.[1536]

[1535] Доровски, И. „Капитоли ... : 247; „Писмо од Грција“. *Нови лид*, бр. 38. Прага, 1910.

[1536] Андонов, Б. *Учеството на Македонците во соколските игри*. Соколското движење е младинско спортско движење основано во Прага 1862 од страна на Мирослав Тирш... Мирослав

1910 год. Џуиш Херлад. „Во очите на Владата[1537] тие не постојат како посебни нации, како на пример, Албанците, **Македонците** или Ерменците...“ [1538]



THE JE

HC

THE TURKS AND ZIONISM.


The Jews in Turkey are in an altogether different position from the members of other nationalities. In the eyes of the government they do not exist as a separate nation, as for instance the Albanians, Macedonians or Armenians, but as Ottoman citizens of the Jewish religion. In recent years

Тирш преку својата идеја се борел за национална слобода на Чесите. Оттука соколството се проширило меѓу сите словенски народи, па униформата претставувала спој на повеќе традиционални вредности - кафеави руски чакшири, полска револуционерна јакна, црногорска капа и црвена Гарибалдова кошула... Целта на соколските друштва била и јакнење на националната свест. ...Како учесници се јавуваат и Македонците. Имено, во 1912 година се одржала првата „Сесловенска манифестација“ каде за првпат како посебен народ учествуваат и Македонците. Нивното учество е забележано низ фотографии, односно низ видеозапис.

[1537] Се мисли на Владата на османлиската држава - Високата порта во Истанбул.

[1538] *The Jewish Herald.* Houston, Texas, maech 31, 1910; „Macedonia: a True Endlest Story…“

1910 - 1911 год. Грција.



17. Κατάλογος οἰκοσίτων τοῦ ἐν Μοναστηρίῳ Κεντρικοῦ Συσσιτίου τῶν ἀρρένων κατὰ τὸ σχολικὸ ἔτος 1910-11


Ονοματεπώνυμον	Ηλικία	Πατρίς	Επάγγελμα πατρός	Επαρχία	Γλώσσα	Έτος υποτροφίας	Τάξις αστικού Γυμνασ.	Τύπος προτέρων σχολείων
1. Αθανάσιος Π. Γρηγορίου	18	Κατράντσα	Ιερεύς	Μογλενών	Μακεδονική	2	Γ'	Σχολ. Φιλόρ. Η'
2. Αθανάσιος Κόκκινος	11	Μέγα Σπήλαιον	Οφφικός	Γρεβενών	Ελληνική	2	Β'	Κεντρ. Αστ. Μον. Β'
3. Γεώργιος Δημητρίου	18	Μοναστήριον	Χαράκτης	Πελαγονίας	Μακεδονική	2	Ε'	Γυμνάσ. Μον. Δ'
4. Ευάγγελος Ι. Μπέλτσης	12	Ρέσνα	Επιστάτης	Πρεσπών	Βλαχική	4	Δ'	Κεντρ. Αστ. Μον. Γ'
5. Σταύρος Π. Κωνσταντίνου	16	Νιβολιάνη	Οφφικός	Μογλενών	Μακεδονική	1	Β'	Σχολ. Φιλόρ. Ζ'
6. Ιωάννης Τραϊανού	13	Αρμενοχώρι	Οφφικός	Μογλενών	Μακεδονική	1	Δ'	Σχολ. Φιλόρ. Γ'
7. Μαξέντιος Κωνσταντίνου	10	Φλώρενα	Οφφικός	Μογλενών	Μακεδονική	1	Β'	Σχολ. Φιλόρ. Α'
8. Ευθύμιος Λιάκος	13	Ελεούσα	Οφφικός	Κορυτσάς	Αλβανική	3	Ε'	Κεντρ. Αστ. Μον.
9. Δημήτριος Ιωάννου	9	Μποδιμερτσι	Υπάλληλος	Πελαγονίας	Μακεδονική	2	Γ'	Κεντρ. Αστ. Μον.
10. Κωνσταντίνος Δαλίτης	12	Γαβρέσι	Οφφικός	Καστορίας	Μακεδονική	3	Ε'	Κεντρ. Αστ. Μον.
11. Κωνσταντίνος Πίζας	15	Μηλόβιστα	Οφφικός	Πρεσπών	Βλαχική	4	Ε'	Κεντρ. Αστ. Μον.
12. Γεώργιος Μπέλτσος	7	Ρέσνα	Επιστάτης	Πρεσπών	Βλαχική	2	Α'	Κεντρ. Νηπιαγ. Μον.
13. Θεόδωρος Ιωάννου	12	Μποδιμερτσι	Υπάλληλος	Πελαγονίας	Μακεδονική	4	Δ'	Κεντρ. Αστ. Μον.
14. Περιυλής Κωνστ/νίδης	12	Μοναστήριον	Οφφικός	Πελαγονίας	Ελληνική	3	Δ'	Κεντρ. Αστ. Μον.
15. Αθανάσιος Γεωργίου		Μοναστήριον	Μάγειρας	Πελαγονίας	Βλαχική	3	Ε'	Κεντρ. Αστ. Μον.
16. Βασίλειος Σαββακός	12	Μοναστήριον	Οφφικός	Πελαγονίας	Βλαχική	4	ΣΤ'	Κεντρ. Αστ. Μον.

Извештај на училишниот надзорник на грчката пропаганда за училишниот дом во Битола за мајчиниот јазик на учениците кои престојувале во истиот дом во 1910 - 1911 год., каде што се гледа дека меѓу учениците, покрај грчкиот и влашкиот, фигурира и македонскиот јазик.

1910 год. Садрленд дејли ехо анд шипинг газет, Велика Британија. „Повеќето од бродските патници на овој пат тој рече се од различни националности, вклучувајќи ги Турците, Грците, Бугарите, Австријците, Русите, Црногорците, Србите, Сиријците, Арабите, **Македонците**, Полјаците и Италијаните.“[1539]

[1539] *Sunderleand Daily Echo and Shiping Gazette*. Sunderland, April 9, 1910.

1910 год. Сандерленд Дејли. Сад



A MIXED COMPANY.

Mr M. Clarke, branch manager for Messrs Morris and Co., 88, Fenchurch Street, in an interview described the character of the passengers on board the ill-fated Cairnrona. "Most of the passengers shipped in this way," he said, "are of various nationalities, including Turks, Greeks, Bulgarians, Austrians, Russians, Montenegrins, Servians, Syrians, Arabs, Macedonians, Poles and Italians. Most of these nationalities were represented in the passenger list of the unfortunate vessel. They embarked at the Surrey Commercial Docks on Tuesday, and were all bound for the United States and Canada. Most of

Sunderleand Daily Echo and Shiping Gazette, Sunderland, April 9, 1910;
MACEDONIA: a True Endless Story…, 27 март 1910.[1540]

1910 год. Архимандрит Неофит, Бугарија. „Од некои членови на Советот разбрав дека Крсте Петков, оној што своевремено тргна со „мисирковштината“, од некој свој роднина што живее тука во Скопје побарал да го поврзе со учителот Петар Поп Арсов во врска со собирање песни за ’Крале Марко‘ во Скопската Околија, а господинот Поп Арсов бил љубезен веднаш да се согласи. Ова ви го пишувам, Ваше блаженство, како едно оправдано сомневање дека тука оживуваат расколнички сили. Тој господин Крсте Мисирков на својот роднина му искажал во писмото желба да се врати во Македонија, поточно, да дојде во Скопје штом ќе се ослободи Македонија. Сакал човекот да биде професор на скопскиот универзитет (?!). Ако е тоа вистина, а нема зошто да ме лажат, тогаш **самиот заклучете каква опасност ѝ претстои на бугарштината во овие историски времиња. Замислете си да се здружат заедно „мисирковштината“ на господинот Крсте, „сепаратизмот на**

[1540] „Многу од патниците на бродот се од различни националности, вклучувајќи ги Турците, Грците, Бугарите, Австријците, Русите, Црногорците, Србите, Сиријците, Арапите, **Македонците**, Полјаците и Италијанците.“

Неговото Високопреосвештенство Теодосија и „автономијата“ на господинот Петар Поп Арсов.“[1541]

TABLE 1
CHARACTERISTICS OF ADULT, MALE, FOREIGN-BORN WORKERS IN MINING AND MANUFACTURING OCCUPATIONS, 1909

Group	Number Reporting Earnings	Ave. Weekly Earnings in Dollars	Percentage Speaking English	Percentage Literate[a]	Percentage Residing in U.S. 5 Years or More
Armenian	594	9.73	54.9	92.1	54.6
Bohemian and Moravian	1,353	13.07	66.0	96.8	71.2
Bulgarian	403	10.31	20.3	78.2	8.5
Canadian, French	8,164	10.62	79.4	84.1	86.7
Canadian, Other	1,323	14.15	100.0	99.0	90.8
Croatian	4,890	11.37	50.9	70.7	38.9
Danish	377	14.32	96.5	99.2	85.4
Dutch	1,026	12.04	86.1	97.9	81.9
English	9,408	14.13	100.0	98.9	80.6
Finnish	3,334	13.27	50.3	99.1	53.6
Flemish	125	11.07	45.6	92.1	32.9
French	896	12.92	68.6	94.3	70.1
German	11,380	13.63	87.5	98.0	86.4
Greek	4,154	8.41	33.5	84.2	18.0
Hebrew, Russian	3,177	12.71	74.7	93.3	57.1
Hebrew, Other	1,158	14.37	79.5	92.8	73.8
Irish	7,596	13.01	100.0	96.0	90.6
Italian, North	5,343	11.28	58.8	85.0	55.2
Italian, South	7,821	9.61	48.7	69.3	47.8
Lithuanian	4,661	11.03	51.3	78.5	53.8
Macedonian	479	8.95	21.1	69.4	2.0
Magyar	5,331	11.65	46.4	90.9	44.1
Norwegian	420	15.28	96.9	99.7	79.3
Polish	24,223	11.06	43.5	80.1	54.1
Portuguese	3,125	8.10	45.2	47.8	57.5
Roumanian	1,026	10.90	33.3	83.3	12.0
Russian	3,311	11.01	43.6	74.6	38.0
Ruthenian	385	9.92	36.8	65.9	39.6
Scotch	1,711	15.24	100.0	99.6	83.6
Servian	1,016	10.75	41.2	71.5	31.4
Slovak	10,775	11.95	55.6	84.5	60.0
Slovenian	2,334	12.15	51.7	87.3	49.9
Swedish	3,984	15.36	94.7	99.8	87.4
Syrian	812	8.12	54.6	75.1	45.3
Turkish	240	7.65	22.5	56.5	10.0

[a] Able to read.
Source: Immigration Commission, *Report*, I, 367, 474, 439, 352.

Табела на странски емигранти според Емигрантската комисија за 1909 година во којшто во гарфата за имањата на емигрантските групи фигурираат и Македонците.[1542]

1910 год. Петрјаев.[1543] При еден разговор на конзулот со една група луѓе од Охридскиот Крај - Струшка Околија, кои барале да добијат руско

[1541] Димевски, С. „Дискусија, во заб.: Крсте П. Мисирков и национално-културниот развој на македонскиот народ до ослободувањето“. *Посебни изданија*, кн. 9. ИМЈ. Скопје, 1976: 338.


[1542] R. Higs, 424, Immigration Commission, I, 367, 474, 439, 352.

[1543] Од 1910 година Петрјаев бил назначен за конзул во Битола на местото на дотогашниот колега Кањ.

државјанство, соопштил: „Сметајќи се себеси **Македонци** и не сакајќи да земат никакво учество во политичката пропаганда на бугаризмот, тие досега сториле сè што зависело од нив за да останат неутрални...“ [1544]

1911 год. Васил К’нчов, Бугарија. „При определувањето на границите[1545] ние ќе се раководиме, главно, од од општото самоопределување на месното население и од определувањето кое го даваат најупатените нови патешественици.

Месните Бугари[1546] и Власи кои живеат во пределите на Македонија, **самите себе се нарекуваат Македонци**, и околните народи ги нарекуваат така. Турците и Арнаутите не се нарекуваат Македонци, но запрашани од каде се, одговараат: од Македонија...“[1547]



прѣимущественo другo населеніе. При опрѣдѣлянето на границитѣ ние ще се ржководимъ главно отъ общото възрѣніе на мѣстното население и отъ опрѣдѣлението, което даватъ най-вѣщитѣ нови пжтешественици.

Мѣстнитѣ българи и куцовласи, които живѣятъ въ прѣдѣлитѣ на Македония се наричатъ сами македонци и околнитѣ народи ги зовятъ тъй. Турцитѣ и арнаутитѣ не се казватъ македонци, но, попитани отъ кждѣ сж, отговарятъ: отъ Македония. Арнаутитѣ отъ сѣверния и сѣверозападния край на обла-

Исечок од оргиналниот текст во книгата на В. К’нчов во кој самиот сведочи дека православното население во Македонија самите себеси се нарекувале Македонци, а така ги нарекувале и соседните народи.

1911 год. Весник *Тајмс диспеч*, САД. Во весникот се прикажуваат бројките на работници на еден проект во САД во кој масовно се вклучени емигранти од Европа кои се наброени според националноста: „Маѓари или Унгарци, со околу 650 минери, се бројно предоминантни. Италијаните се на второ место, со околу 500 луѓе и Словаците се трети со 200... помали бројки на полска, романска, српска... германска, **македонска**, литванска народност.“[1548]


[1544] Истото, том 7, 1909, 1910 - 1913; Селектор. Скопје, 2007: 183.

[1545] Се мисли на Македонија.

[1546] К’нчов Македонците ги нарекува Бугари, иако самиот сведочи во истата реченица дека сите тие себеси се нарекувале Македонци.

[1547] Кжнчов, В. *Орохидрография на Македония*. Пловдивъ, 1911: 1.

[1548] *The Times Dispatch*, November 5, 1911.



Southern and Eastern Europeans.

The United States immigration Commission as a part of its exhaustive investigations made a detailed study of the Big Stone Gap area. In its report it estimates that there are about 1,500 Southern and Eastern European mine-workers at the present time in the field. The Magyars, or Hungarians, with about 650 miners, are numerically predominant. The Italians rank second, with about 500 men, and the Slovaks third, with 200. The remainder is composed of comparatively small numbers of the Polish, Roumanian, Servian, Ruthenian, German, Macedonian and Lithuanian races.

Исечок од весникот Тајмс Диспеч, во којшто се споменуваат Македонците како работници за изградба на железничка пруга

1911 год. Весник *Нуестро тиемпо*, Шпанија. „Младотурците ги мешаат различните раси, Албанци, **Македонци**, Бугари, Грци, Арапи, Евреи - сакајќи да ја уништат нивната историја и националност, потиснувајќи го нивниот јазик, писмо, обичаи, традиции..."[1549]



Nuestro Tiempo

CIENCIAS Y ARTES — POLITICA Y HACIENDA


Año XI | MADRID, Diciembre de 1911. | Núm. 156.

»Los jóvenes turcos no son mejores que los viejos, son tal vez peores, y de esto tenemos evidentes pruebas. No pasa día sin que lleguen á nuestros oídos los actos vandálicos, los asesinatos, las monstruosidades que los tales cometen en el imperio otomano. Sabemos, además, que la joven Turquía, compuesta de diversas razas, albaneses, macedonios, búlgaros, griegos, árabes, judíos, quiere destruir la historia y nacionalidad de éstos, suprimiendo su lengua, escritura, costumbres, tradiciones, para reducirlos á escribir y hablar como los turcos. ¿Es esto posible? Sí, pero con la violencia, con el hierro y con el fuego.

Исечок од весникот *Нуестро тиемпо*, Шпанија, во кој, покрај другите народи во Турција, се спомнуваат и **Македонците**.

[1549] *Nuestro Tiempo*. Madrid, nom. 189, Disiembre de 1911.

1912 год. Весник *Хаваниан газет*, САД. „Но вистинската опасност за Италија во настојувањето да донесе војна со удари во срцето на Турција, јавува *Ванкувер провинс*, лежи во компликациите што сигурно би следеле доколку Грците, **Македонците**, Србите, Бугарите, Романците, Албанците и други народности ја искористат таа можност да ја прогласат својата независност од нивниот воинствен непријател.“[1550]



But the real danger to Italy in endeavoring to bring the war to a close by striking at the heart of Turkey, says the Vancouver Province, lies in the complications that would almost certainly ensue should the Greeks, Macedonians, Servians, Bulgarians, Roumanians, Albanians, and other races seize that opportunity to declare their independence of their hereditary foe. At once Christians and Mohammedans would fly at each others' throats, and Austria would become involved in the flames of race hatred blazing along all her frontiers. It has been a comparatively easy task during the winter to restrain


The Times Dispatch, November 5, 1911; MACEDONIA: a True Endless Story…
19 март 2020

[1550] *The Hawaiian Gazete*. April 16, 1912.



Авторот на книгата *Земјата на раздорот*, А.В. Амфитеатров, кој Македонија ја посетил неколкупати. Во неговата книга се зборува за поткупувањето на руските научници од страна на српските и бугарските власти за лажно прикажување на Македонија и на Македонците дека токму тие етнички и историски им припаѓаат на некоја од нив и дека тој одбива да припаѓа кому било и тврди дека во Македонија живее посебен словенски народ, еднакво близок и еднакво далечен и од Србите и од Бугарите.

1912 год. В. Гиард, Е. Бриер, Франција. „Во рамките на Европска Турција има цела палета народи што сакаат да го пресечат јаремот: Грци, Бугари, **Македонци**, Црногорци, Романци, Албанци. И, тие треба да се поддржуваат, но тие, всушност, се мразат поради соперништвото.“[1555]



BIBLIOTHÈQUE SOCIOLOGIQUE INTERNATIONALE

PUBLIÉE SOUS LA DIRECTION DE M. RENÉ WORMS
Secrétaire Général de l'Institut International de Sociologie

XLVII

LES

PRINCIPES SOCIOLOGIQUES DU

DROIT PUBLIC


PAR

RAOUL DE LA GRASSERIE

Lauréat de l'Institut de France
Correspondant du Ministère de l'Instruction publique
Associé de l'Institut International de Sociologie
Membre du Comité de la Société de Sociologie de Paris
Docteur en Droit, Juge honoraire au Tribunal civil de Nantes

PARIS (Vᵉ)
V. GIARD & E. BRIÈRE
LIBRAIRES-ÉDITEURS
16, Rue Soufflot et 12, rue Toullier

1911



SOCIOLOGIE DU DROIT PUBLIC INTERNATIONAL 369

lant fédérer ses colonies entre elles-mêmes. En France, on parle sans cesse de décentralisation et de provincialisme. La littérature s'en mêle, les Félibres ont ressuscité la poésie locale et les patois, les folkoristes se sont mis aussi à l'œuvre. D'autre part, le fédéralisme s'accorde surtout avec le régime républicain et ils se consolident mutuellement. La Suisse est en Europe à la fois le pays républicain et le fédéraliste par excellence. Un tel régime a le grand avantage d'assurer la stabilité, en empêchant un coup d'État, aussi bien qu'une révolution éclatant dans la capitale, ou en lui tirant toute efficacité. Il protège, d'autre part, toutes les minorités contre les oppressions majoritaires, car il est impossible que dans quelques provinces les rôles ne se trouvent pas intervertis. La chute des deux Républiques françaises unitaires en est une preuve. Plus de brumaire désormais, ni de décembre ; plus de pronunciamientos militaires. Le Parlement central est à l'abri d'un coup de main, puisqu'il se verrait chez nous remplacé de suite par beaucoup de petits Parlements. Si une province a des griefs à faire valoir, à qui s'adressera-t-elle sous le régime actuel? Sa voix sera vite étouffée par le pouvoir central, surtout s'il y a des différences ethniques, comme entre l'Irlande et l'Angleterre ; la première attendra longtemps son home-rule ; il n'y a de remède que la sécession ; au contraire, si elle est en fédération, elle fera valoir ses intérêts dans le Conseil des provinces, chacune d'elles n'aura plus le même intérêt à lui être hostile. Que si de petits États ne sont pas fondus en un ensemble unitaire, ils seront souvent en guerre incessante, l'histoire le prouve, il en sera autrement, dès qu'ils seront entrés en fédération amicale. Dans la Turquie d'Europe, il y a une foule de peuples qui ont secoué le joug : Grecs, Bulgares, Serbes, Macédoniens, Monténégrins, Roumains, Albanais. Ils devraient se soutenir, ils se détestent par rivalité ; et si la Turquie était plus forte, elle en profiterait pour les mettre à néant. Ils ne pourraient être sauvés que par une confédération serrée entre

PRINCIPES DE DROIT PUBLIC 24

Книгата на В. Гиард

1912 год. Писмо од Битола, Русија[1556] (Битола, 15 август 1912 година).

Петстотини години **Словеномакедонците** живеат под турската власт, но никогаш гонењата и систематското истребување на овој несреќен и трудољубив народ не доаѓале до такви чудовични размери...

[1555] Giard, V. - Briere, E. *Principes sociologiques du droit publc*. Paris, 1911: 369; https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/05/1911_V.-Giard-E.-Briere-Principes-Sociologiques-du-Droit-Public-768x679.jpg

[1556] Ова писмо е внесено во статијата на Александар Кон, руски општественик и публицит, под наслов „Македонско јадење на словенскиот ручек во Виена“. Статијата била објавена во петроградскиот весник *Гражданин*.

Грците уште одамна не дремеа и дејствуваа пред турските власти по сите правила на византиската злоба и лукавост.

И така, во Македонија вештачки се создадоа, покрај грчката пропаганда, уште две - бугарската и српската. Во последно време во Македонија доби право на граѓанство и романската пропаганда. До појавувањето на бугарската и српската пропаганда **Словеномакедонците** секогаш велеа дека тие се Словени и никогаш тие не се нарекуваа Бугари, Срби или Грци; учеа тие по грчки и словенски, но си зборуваа на чист словеномакедонски јазик. Сега се појавува прашањето: како **Македонците**, коишто порано се викаа Словени, сега се наречуваат Срби, Грци и Бугари? За да одговори човек на ова прашање, прво треба да биде вистински **Македонец**; втото, совеста си честа да не му се на издршка кај Бугарите, Србите и Грците. Главната причина за изникнувањето, смалувањето или зголемувањето на растот на пропагандата во Македонија зависи од турскиот режим, од географската положба на Македонија и од економската зависност на **словеномакедонскиот народ** од балканските држави. Турската администрација до појавата на Младотурската конституција живееше како паразит на македонското тело, поради што рамнотежата на македонскиот живот кај **Македонците** постојано се нарушуваше; колку почесто таа ја експлоатираше земјата толку повеќе трудољубивоста на **Македонците** доаѓаше до умствените предели на умственото и физичкото напрегање. Покрај тоа, оваа продажна администрација живееше широко од митото на бугарската, грчката и српската пропаганда. На пример, во Битолскиот Вилает во едно од селата **Македонците** учеа на грчки, но си зборуваат словеномакедонски (Турците ги наречуваат урум милети - „Грци“). Се појавуваат кај турскиот чиновник егзархистите и му даваат поткуп; турскиот чиновник ги прогласува Македонците дека не се Грци, ами Бугари и дека се должни да учат на бугарски. Грчкиот учител мора да си оди, на негово место доаѓа бугарски учител. Ако почнат **Македонците** да се противат, на помош на бугарскиот учител му доаѓа тајниот бугарски комитет; ќе исфаќа ноќе неколку видни невооружени **Македонци**, ќе ги однесе во планина и таму безпоштедно ги убива; истото потоа се повторува со Србите. Грците, Бугарите и Србите можат да се споредат со мртвите души на Гоголъ..., а Бугарите, Србите и Грците ги купуваат од Турците имињата на живите **Македонци**, но со право македонското *-ски*, да го изменуваат на *-ов*, *-ић* и *-идис*. А, всушност, словенското население си останува едно и исто и во полна сопственост на Турската Империја...

Кога веќе споменативе методи не ги постигнуваат целите, тогаш во Македонија се појавуваат вооружените бугарски, грчки и српски чети и со груба сила и со оружје в раце ги тераат **Македонците** да преминуваат од една нација во друга. И тогаш започнува вистинското братоубиствено истребување на **Македонците**...“[1557]

1912 год. Ј. Б. Бјури, Франција. „Има мислења дека **македонските Словени** веќе поседувале азбука кои тие ја употребувале за потребите на секојдневниот живот, и тоа што Константин (св. Кирил) го направил било да го преработи писмото и да го заокружи (комплетира) за поточно обработување на звуците од словенскиот говор со некои дополнителни знаци (симболи) кои тој ги примил од еврејскиот и самарјанскиот...“[1558]

1912 год. Весник *Информацион милитар*, Шпанија. „Фанариотите... провоцираат бунт кај Бугарите, Србите и **Македонците** за коишто се подготвуваше присилна хеленизација од Црквата и грчките училишта...“[1559]

1912 год. *Ла Коресподенција милитар*, Шпанија. „Албанската револуција, којашто ги поттикна и другите националности - Турци, **Македонци**, Грци и Бугари...“[1560]

1912 год. Јован Цвијиќ, Србија.[1561] „Постојат национални и религиозно-национални пропаганди, и некои од нив со децении им ја наметнуваат на **Македонците**, особено на **македонските Словени**, својата национална свест, потоа во таа смисла им го обработуваат јазикот и им ги менуваат обичите. Во балканските држави, кои полагаат право на Македонија, со децении преку училиштата се формира интелигенција со неточни претстави за народноста на **Македонците**. Секоја од балканските држави ги прибројува сите **македонски Словени** кон својата народност, и тоа стана чувство на големиот дел на интелигенцијата. Поради тоа постои јавно мислење кое во тоа

[1557] *Документи за борбата*..., том 1: 521-523; Кон, А. „Македонское блюдо в славянском обеде“. *Вене*, *Гражданин* (СпБ) 37. 16.9.1912: 3-5.

[1558] Македонска национална академија, Bury, J. B. *A History of the Eastern Roman Empire from the Fall of Irene do the Accession of Basil I* (A.D. 802 - 867). 1912: 397.

[1559] *Informacionón Militar*, nom. 7. Julio, 1912: 523; „Macedonia: a True Endless Story… 28 април, 2020“.

[1560] *La Correspondencia Militar*, nom. 10.640. Madrid, 3 de Octobre de 1912; *Macedonia: a True Endless Story*… 28 април 2020.

[1561] Јован Цвијиќ (1865 - 1927), српски етнограф, универзитетски професор и академик.

за миг искрено верува. Странските автори македонското етнографско прашање го расправаа врз основа на двојствени информации.“[1562]

1912 год. Весник *Дело*, Јован Цвијиќ, Србија („Етнографска проматрања“. *Дело*. Београд, 1912: 15). „Кога **македонскиот селанец** ќе го употреби името Бугарин, тој со тоа двојно означува: луѓе со прост начин на живот со потчинет и мачен живот, потоа подразбира проста работничка маса која зборува словенски, како спротивност кон несловените, Грците и Турците, кои се над неа и која ја сметаат за нешто пониско. Првото значење е главно: со зборот - б у г а р с к и - на прво место се означува прост начин на живеење, работа и размислување. Така, на пример, кога ќе кажат дека се ’асли Бугари‘ (вистински Бугари), сакаат да кажат кога ќе им дојдете дома, па немаат садови и немаат што да ви понудат. За прост начин на работа велат ’бугарска работа‘. Кога сака нешто да го обележи како просто, селски зборува и мисли, **Македонецот** вели ’прикажува каурски‘, ’прикажува бугарски‘. Од јужните **Македонци** (Куфалово кај Солун) слушнав зборови ’избугари се‘, кога пченицата ќе се изметне, не е за семе, ’се побугари‘ во смисла: кога некоја работа ќе стане лоша: најлошиот вид на пченица го нарекуваат ’бугарка‘. Овие зборови, како и името Бугарин, имаат значи туѓ облик, **кој не е македонски**, и нив можеби **македонските Словени** ги усвоиле било од турската управа (која во поранешно време имала многу мухамедански Срби од Босна) било од Грците...“[1563]

1912 год. Група граѓани од Битола.[1564]

1. „Енергично застапување на братска Русија во полза на Македонците.
2. Уништување на бугарската, српската и грчката пропаганда во Македонија.
3. Отворање училишта на словеномакедонски јазик.
4. Востановување на црковната независност (автокефална словеномакедонска црква во Охрид.)
5. Слободен развиток на националната самосвест, т.е. на свеста дека Словеномакедонците се еден и неделив народ.

[1562] *Документи за борбата*..., том 1: 467.

[1563] Цвијић, Ј. „Етнографска проматрања“. *Дело*. Београд, 1912: 15.

[1564] Битолчаните на 15 август 1912 година испратиле писмо до руската јавност.

6. Во интерес на запазувањето на Османлисата Империја, турската Влада треба со сите културни мерки да го помага распространувањето на оваа пропаганда што сега има веќе илјадници следбеници како во Македонија така и надвор од неа.
7. Во името на хуманоста, човечкото достоинство и љубовта кон својата татковина, македонската интелигнција еднаш засекогаш треба да ја прекине срамната продажба на својата совест и чест на на бугарските, српските и грчките пазари.
8. Широка внатрешна самоуправа на Македонија.“[1565]




„Млада Македонка“
Разгледници со мотив на ликовно дело со женска народна носија изработена од чешкиот ликовен уметник И. В. Мрквичка пред 1917 год.[1566]

[1565] Конъ, А. „Македонское блюдо на славянскомъ обѣдъ“. Въ *Вѣнѣ*, *Граѓданинъ*, 37. С-Петербургъ, 16.9.1912: (3-), 5; Ристовски, Б. *Појави и процеси од македонскиот културно-национален развиток*. Матица. Скопје, 2015: 103.

[1566] Мрквичка, И. В. *Млада Македонка*. Пощенска карта, бр. 93, Ц. Пр. Печ., София (испратена 1917 год.); истото, разгледница (испратена 1913 год.) бр. 20.

VIII ДЕЛ



„Познавам две трагични истории во светот - таа на Ирска и таа на Македонија“
(Роџер Кејсмент)

МАКЕДОНСКА ГОЛГОТА
1912 - 1918

СТРАНСКИ СВЕДОШТВА ЗА САМОИЗЈАСНУВАЊЕ НА НАРОДОТ СО ИМЕТО „МАКЕДОНЦИ“

„Воздигнувањето на народот не лежи во неговите големи луѓе,
туку во растот на малите“ - Ортега

Во периодот од 1912 до 1918 година светот станува сведок на поделбата на Македонија меѓу новите „ослободители“, кои животот на Македонците го претворија во пекол, страдања и поделби. Димитрија Чуповски, кој веднаш по тројната окупација на Македонија заминал за татковината и како сведок на големата трагедија на неговиот народ во една статија за својата посета напишал дека „новите поробувачи“ применуваат врз Македонците „драконски мерки“ за „изневера на својата националност и **своето име** и своите завети, во името на кои овој народ се бореше за слобода ...“[1569]

Секој од „ослободителите“, политички, административно и присилно, ги претвораа Македонците во тоа што тие го посакуваа, а ги употребуваа како „топовско месо“, мобилизирајќи ги насилно во тие војски, со што Македонците често биле принудени да се бијат меѓусебно. Двете Балкански војни, како и Првата светска војна се воделе на теренот од Македонија. Низ тие три пеколни војни Македонците претрпеле материјално разорување, стотици илјади жртви, насилни мобилизации, малтретирања и трајни психолошки последици.

Во тие невозможни услови за живот се создале и документи кои сведочат за сите овие страдања, но и документи и други објавени записи кои сведочат за народносните чувства на Македонците.

До 1912 година во Македонија и покрај жестокоста на странските пропаганди, не само кај македонската интелигенција туку и меѓу обичниот народ, македонското национално чувство било развиено до тој степен што тоа го забележувале и многуте странски набљудувачи кои ни оставиле драгоцени податоци за тоа. Имено, за време на Балканските војни, а особено за време на Првата светска војна, во Македонија имало војски од повеќе балкански и европски држави. Меѓу воените структури имало и научни експедиции од завојувчите на Македонија кои биле должни да прибираат научни докази дека народноста на Македонците, всушност, била бугарска, српска или грчка. Како

[1569] *Гражданинъ*. С. Петербургъ, 27.1.1913: 14; Ристовски, Б. *Појави* ... : 105-106.

платени експедиции со специјална задача и намена, составени и од научни авторитети во тие балкански земји кои се впрегнале во нивната, повеќе националистичка отколку научна работа на теренот од Македонија, не биле спремни да ја прифатат вистината дека во Македонија живее со векови и милениуми народ со своја специфична култура, со свој специфичен словенски јазик и своја специфична историја. Дури и во пропагандните изданија се провлекувале факти кои зборувале против „аргументите“ на нивните пропагандистички книги. Таков пример е и книгата на српскиот академик Александар Белиќ од 1913 год. во којашто, според него, зборува дека поделените „приврзаници од македонското словенско население“ сочинувале три групи. Овие три групи, всушност, претставуваат три партии, затоа што нивните претставници го говорат истиот јазик и имаат исти обичаи, со што Белиќ увидел „непостоење на етничка граница меѓу ова насление.“[1570]

Тие не биле спремни да го прифатат фактот дека преплашениот до смрт македонски човек, сепак собирал храброст и одвжност со голем ризик за неговиот живот да се искаже дека е Македонец. На таквите експедиции, со помош на бајонетот, не им било тешко да пронајдат „докази“ кои биле должни да ги достават до меѓународната јавност. Но на теренот од Македонија многумина странски воени, политички, хуманитарни и други претставници ни оставиле сведоштва и објавени записи во кои откриваат дека обичните луѓе насекаде низ Македонија се изјаснувале дека се Македонци и откриле дека народот, во зависност под чија власт би се нашол во моментот, морал да се изјаснува и според туѓите желби. Сепак, ако зад остварувањето на туѓите желби постоела сурова воена закана, кога народот од најмалите деца до старците се изјаснувал како македонски, тогаш тоа изјаснување било без влијание на ниту еден моќен фактор, тоа изјаснување е мотивирано од душата и чувствата на македонскиот човек. Токму затоа, ваквите неутрални сведоштва на претставниците од најразлични војски кои војувале и марширале на теренот од Македонија и се уверувале дека тој речиси е уништен од војни и воени пропаганди, народ свесен за својата посебност и име, имаат пресудно значење за науката.

[1570] Митрова, М. „Територијалното проширување на Кралството Србија низ призмата на Александар Белиќ: ’Србите и Бугарите во Балканскиот сојуз и во меѓусебна војна‘.“ *Гласник*, 60, 1. ИНИ. 2016: 184.



МАКЕДОНСКА СУДБИНА
На надгробната плоча на македонецот Петко Лисковски
е запишано дека за време на Балканските војни и Првата светска војна
бил војник на три војски: турската, српската и бугараската.

* * *

И повторно се навраќаме на реченицата напишана од Темко Попов во 1888 год.: „Националниот дух у Македониа до такво дередже денеска је стигнал, штото и сам Исус Христос ако слезит от небото неможит да го увери Македонеца, оти тој е Блгарин или Србин, освен оние Македонци у кои веке пропагандата блгарска се имат вкоренето...“,[1571] која ја изложуваме на проверка. Причината е едноставна. Продорот на странските пропаганди преку црквите и училиштата зеле толку голем замав што силно влијеле врз свеста на Македонците, па нивната поделба на „Бугари“, „Срби“ или „Грци“ се вгнездила во семејствата и домовите до таа мера што брат со брат се поделиле и предизвикале раздор со далекусежни последици. Сепак, мноштво сведоштва го потврдуваат и спротивното.

[1571] Народна библиотека - Београд, Ф: Јован Х. Васиљевиќ, П 413/III, 9 мај 1888.

Пред самиот крај на османлиското владеење во 1911 година постхумно се појавила книгата *Орохидрографија на Македонија* од бугарскиот пропагатор Васил К'нчев (1862 - 1902), хемичар по професија, а се занимавал со географија и историја. Работел на повеќе работни места, меѓу кои, и директор на солунската гимназија и главен училиштен инспектор во Македонија од 1894 - 1897 год. Како главен инспектор тој ја прошетал цела Македонија, при што направил и своевиден попис на населението за потребите на Бугарската егзархија и пропаганда за докажување пред светот дека во Македонија доминантното население го сочинуваат Бугарите. Професорот Петар Драганов сведочи дека В. К'нчев беше многу зборлест и, меѓу другото, во своите прикажувања рече дека тој дошол за учител во Солун за да ја побугари Македонија.[1572]

Но токму во гореспоменатата книга К'нчев запишал нешто што целосно ги побива и заложбите на бугарската пропаганда, меѓу другото, и преку неговите трудови. Според авторот К'нчов, во неговата книга *Орохидрографија на Македонија* „најдобро се одредувала преку етнографската самоидентификација на населението", а населението според него се само-идентификувало на тој начин што „месните Бугари и Куцовласи **самите се нарекуваат Македонци и околните народи ги нарекуваат така.**"[1573] Оваа констатација на К'нчов за самоизјаснувањето на Македонците го потврдиле безброј сведоштва од странски записи во периодот за време на војните од 1912 - 1918 год. и понатаму во периодот од 1919 до 1944 год. Во тие документи европските научници, војници, новинари и политичари, кои имале контакт со обичниот народ, се уверувале дека обичното македонско население најчесто се изјаснувале како „Македонци".

Самоизјаснувањето за Македонци, меѓу обичните луѓе, странците го забележувале насекаде низ Македонија: во 1913 год. српскиот просветен инспектор во неговото писмо се жали на министерот дека во битолското училиште на американската мисија, **во рубриката народност на учениците пишувало дека се „Македонци"** и дека **народноста „Македонец" е нешто друго од народноста „Србин"**; истата година претставници на српскиот воен санитет наишле на еден збег „Македонци" јужно од Дојран кои бегале од бугарските војски кон позициите на Грците. Меѓу бегалците, кои според возраста немаше повозрасни од 60 ни помлади од 16 години, кога ги прашале

[1572] *Спомени: И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев*. Скопје, 1995: 47.

[1573] Кънчов, В. *Орохидрография на Македония*. Пловдивъ, 1911: 1.

што се, еден им одговорил дека се Бугари, а друг, пак, го негирал и рекол: „**Не, ние сме Македонци, а сега ќе бидеме Грци“**.

Во 1914 година српскиот новинар, претставник на весникот *Балкан*, грофот М. Рајчевиќ, кој ни ги соопшти своите подолу изнесени впечатоци добиени при неговото престојување во Македонија: „Нема да ги цитирам стотината случаи што стануваа пред моите очи, туку ќе го кажам само тоа што јас, како Србин, престојував во Македонија, каде што имаше стоилјадна српска војска околу една година, но простум не забележав кога научив да зборувам на **македонски јазик**, т.е. **Македонците** систематски ме научија да говорам на нивниот јазик. Притоа, забележав дека не само интелегенцијата, а меѓу себе и дома, т.е. во татковината, во Македонија, тие секогаш си говорат на својот мајчин јазик.“

Грците Манолис Траиандафилис и Тенис Музос во 1916 година јавуваат дека „оние кои Грците ги нарекувале Бугари, славофонски или бугарофонски Грци, **самите себеси сè нарекувале „Македонци“, а јазикот кој го говореле си го нарекувале „македонски“**. Во истата 1916 год., весникот *Дејли ривју* консатира „дека дојде времето да се коригира **фаталната грешка на европската дипломатија**, којашто одредено време **дозволи поделба на Македонија меѓу три мали балкански држави**. Ова никогаш нема да може и нема да биде прифатено од македонските патриоти. Факт е дека колку и Бугарите да сметаат дека Македонија е нивна, **македонскиот народ** јасно истакнува дека тие не се Бугари, ни Срби, ниту Грци, туку само **Македонци со свој јазик, или посебен говор, со своја историја и сопствена самосвест и дека тие сакаат да живеат независен национален живот**.“

Во 1917 година на прашањето од американскиот новинар Херберт Кори, дописник на *Нешнел џеографик* кој известувал од Македонскиот фронт, до една старица од с. Добровени, Битолско, дали е Бугарка или Србинка, таа кратко му одговорила пркосно: „**Ниту Бугарка, ниту Србинка... Јас сум само Македонка и сита сум од војна.**“ Германецот Паул Шиндлер во 1917 година забележал кога го прашувал сиромашното население „ако ги прашуваш за нивната националност, **тие секогаш ќе одговорат на ист начин дека не се ниту Срби, ниту Грци, а камоли Бугари - тие се Македонци.“** Истата година рускиот доброволец во француската војска, Виктор Лебедев, поминувајќи низ некои македонски села во егејскиот дел на фронтот, кога прашал некои **деца** дали се Срби, Бугари или можеби Грци, **тие му одговориле дека се „Македонци**“; истиот руски доброволец кога прашал еден старец за неговата етничка припадност му одговорил: „...**ние сме христијани, христијани Македонци**“; и дека во некое друго село каде што живеат муслимани одговорот бил „**Ние сме**

Македонци, Македонци муслимани“. Францзинот Етјен Бурние во 1917 година додека престојувал на фронтот во Македонија имал контакти со македонското население. За нив напишал: „Во Долна Македонија, најмалку, кога прашуваш едно дете од улица: *Што си ти? Грк?, Србин?, Бугар?* - тој одговара гордо како Александар: ***Јас сум Македонец***; и во друга прилика пишува: *Прашајте еден селанец од Островска Околија или од Битолска како се чувствуваат, ќе ви одговорат девет од десет пати - **Македонец***!“ Во 1917 год. британскиот полковник А. Корф често контактирал со Македонците од егејскиот дел на Македонија и во разговорите со нив се сеќава: „На моето прашање, што сакате, автономија на Македонија или Македонија под Бугарија? Одговорот, генерално, беше ист: **ние сме Македонци**, не сме Грци или Бугари...“[1574]

Во 1918 год. сонародникот на Корф, Оливер Харвеј, сведочи дека „Славофонскиот народ во српска Македонија дефинитивно се смета за различен од српскиот народ. Ако ги прашате за нивната националност, тие ќе ви одговорат дека се **Македонци** и тие зборуваат **македонски дијалект**. Ниту, пак, тие себеси се идентификуваат со Бугари.“

Српскиот весник *Србобран* во 1918 год. известува за една репортажа за тројца заробени голобради бугарски војници од Белоградчик, Крушево и Велес и откако двајцата од Македонија изјавиле дека насилно мобилизирани биле од бугарската војска, а немале ниту 17 години, дописникот на овој весник ги прашал: „Па добро, дали сте вие Бугари“ - тие му одговориле: „**Не сме, ние сме Македонци**...“. Во 1918 година Англичанецот Р. Г. Д. Лафен, автор на книгата *Чувари на портата*, историски предавања за Србите на Кралскиот колеџ на Кембриџ, пишува: „**Прашајте го некој од овие Македонци што е тој**. Тој, се разбира, нема да му каже на еден војник од сојузниците дека е Бугарин. Ниту, најверојатно, нема да каже дека е Србин или Грк... **Тој најверојатно ќе се насмее и ќе каже дека е Македонец.“**

Овие и други вакви примери прикажани во поднасловот „ИЗВОРИ 1912 - 1918 година“, кои, главно, поттекнуваат од незасегнати страни за идентитетското име, односно на претставниците на војските на повеќе европски држави, докажуваат дека Македонците масовно се изјаснувале како такви. Присуството на туѓите војски на балканските држави на теренот од Македонија за време на Балканските и Првата светска војна придонело кај Македонците уште помасовно и уште посилно да се воочат јазичните и

[1574] https://history-from-macedonia.blogspot/.../we- are- macedonians- not -greek -not- bulgar; Foreign Office document 0371/8566.

културните разлики меѓу нив и соседните балкански народи и да го доразвијат тоа чувство на народносна и именска посебност. Овие неутрални сведоштва јасно укажуваат дека во тие бурни години на страшни војни кои го уништуваат човечкото достоинство, идентитетското име Македонците го користат и како средство за заштита од посегањата на околните балкански држави, но и како обединувачки фактор.

Но масовното самоизјаснување не се случувало само во Македонија и во тешки околности. Идентитетското име Македонците го пренесувале и чувале и во најоддалечените земји, каде што оделе на печалба. Највпечатливи сведоштва за масовно самоизјаснување на Македонците се досиејата на Американската агенција за имигранти и натурализација.[1575] Во периодот од 1895 до 1925 година во САД меѓу доселениците како Македонци се изјасниле 14 737 луѓе. Тоа е период на најжестокото изложување на Македонците на туѓи национални пропаганди, асимилација, воени и востанички жртви. Од оваа бројка на македонски имигранти биле наведени различни држави од кои пристигале, односно земја на потекло, и тоа: 4979 од Турција, 906 од Грција, 267 од Бугарија, 5 од Албанија, 188 од Србија и најинтерсно 4194 „од Македонија“, иако како држава во тој период единствено не постоела Македонија како држава. Овие бројки јасно упатуваат на некои заклучоци. Прво, дека Македонците и покрај тоа што не биле признати како посебен народ и за тоа биле прогонувани во овие држави, тие сепак се изјасниле за Македонци. Второ, дури 4191 Македонец како земја на потекло или држава од која пристигнале ја наведуваат Македонија. Овие бројки докажуваат дека ниту еден државен декрет не можел да ги принуди Македонците да се изјаснуваат со туѓо идентитетско име, а мошне голем број од нив не ги признавале државите од кои биле доселени, туку за нивна татковина е наведена Македонија.

Традицијата на Македонците кои ја напуштале Македонија да се изјаснуваат како Македонци уште од XV век во Европа продолжила и во САД кон крајот на XIX век, кога започнале помасовни миграции кон оваа држава. Посебно бројката на доселеници од Македонија се зголемила во годините по Илинденското востание, кога голем доселеници, чиишто домови во Македонија биле целосно разурнати, спасот за опстанокот го барале во печалбата во САД. Според истражувањата на Кит Браун на имигрантските листи од прифатниот центар Елис Ајленд (Њујорк) во периодот од 1903 до 1913

[1575] Синадиноски, Д. „Првите наши имигранти во САД се декларирале како Македонци“. *Весник*. 8.1.2008: 5.

година биле евидентирани 19 011 иселеници кои се декларирале дека пристигнале од „земја на потекло“ Македонија или Турција во Европа. Од нив над 1000 биле Грци, над 1000 биле Турци, околу 170 Романци, 492 Срби, 238 Албанци, 3422 Бугари и дури 12634 фигурирале како Македонци, иако во званичните графи немало рубрика за Македонци.[1576] Слични податоци имало и за другите прифатни центри на пристаништата Балтимор и во Галвестон.[1577] Сепак, американската администрација ги внесувала Македонците како посебен народ од едноставна причина што тие иселеници се изјаснувале како такви, иако тоа не било законски. Дури од 1911 година, во енциклопедијата на Елис Ајленд, каде што е дадена листата на јазиците за кои биле обезбедени преведувачи фигурира и „македонски јазик“.[1578] Не се сомневаме дека повторно иселениците од Македонија се тие кои покрај нивното македонско име го прокламирале нивниот македонски јазик, свесни дека зборуваат еден посебен јазик, истиот тој кој го среќаваме во XVI век во дамаскините, а потоа и преку мешаните зборници,[1579] но и во првите книги со верска содржина на народен јазик од почетокот на XIX век, како и јазикот употебуван во трговските и занаетчиските тефтери и преписките на новооформувачкото граѓанство од истиот век. Како и во низата претходни сведоштва за масовно изјаснување на Македонците како такви во нивната татковина, истата ситуација се повторила и во странство. И додека сè уште се вршат истражувања за овој феномен од домашните и странските истражувачи,[1580] за нас овој драгоцен извор јасно ја покажува веќе изградената народносна посебност исклучиво со името „Македонци“ без какви било други дополнувања или објаснувања за името.

[1576] Brown, K. „The Yelow Peril of the Caucasian Rase: Macedonian migrants and National Categories in early Twentieth Century U.S. Governmental Sources“. *Македонскиот идентитет низ историјата*. Скопје, 2010: 168-169.

[1577] Истото.

[1578] Истото, 145.

[1579] Миронска-Христовска, В. „Македонскиот идентитет и идентитетите на Балканот“. *Историја*, 1. Скопје, 2012: 210.

[1580] Авировиќ, И. „Регистрирањето на македонските иселеници во Соединетите Американски Држави во меѓувоениот период - идентитетска расправа“. *Историја*, 1. Скопје, 2014: 219-231; Brown, K. „The Yelow Peril' of the Caucasian Rase: Macedonian migrants and National Categories in early Twentieth Century U.S. Governmental Sources“. *Македонскиот идентитет низ историјата*. Скопје, 2010: 161-175.

КАРНЕГИЕВАТА МЕЃУНАРОДНА КОМИСИЈА И НЕЈЗИНИТЕ СТАВОВИ ЗА МАКЕДОНЦИТЕ

Политиката на државите, кога станува збор за признавањето на другите нации, држави, национални малцинства и сл., низ историјата првенствено се воделе врз основа на сопствените политички и економски интереси, а потоа врз основа на науката и други фактори.


Сите претходно наброени странски сведоштва за јасното изјаснување на Македонците за нивната народносна припадност, како и објавените научни трудови на македонски и странски лингвисти и етнографи, во следниот период ќе бидат потврдени и со официјални ставови на некои држави, меѓународни организации и комисии.

Во 1913 - 1914 година е спроведена т.н. Карнегиева анкета, којашто е всушност популарно име за Извештајот на Меѓународната комисија за истрага на причините за водење на Балканските војни, изготвен со средствата на фондацијата „Карнеги“ за меѓународен мир.[1581] Главниот проблем и слабост за создавање реална слика за состојбите на теренот на оваа комисија бил во тоа што Комисијата не работела на теренот во вардарскиот дел на Македонија и ги анкетирала само македонските бегалци во Бугарија, кои, всушност, можеле лесно да бидат под контрола на тамошните власти. И покрај силното влијание на некогашните пропаганди на теренот, и покрај пречките и притисоците на Атина, Белград и Софија кои силно се чувствуваат во Извештајот,[1582] сепак, на 59-тата страница од Извештајот (од верзијата на англиски јазик) на Карнегиевата комисија стои дека недовербата меѓу бугарската Влада и Македонското револуционерно движење била секогаш активна. Исто така, се вели дека токму тогаш кога Македонија била во позиција да решава за својата судбина, причината можеби е делумно заради постигнати

[1581] Комисијата со својата работа започнала веднаш по завршувањето на Втората балканска војна на 26.8.1913 год. Од 22 септември некои членови ги посетуваат Белград, Атина, Софија, Истанбул, Солун и борбените позиции во Тракија и само делимично во Македонија, бидејќи на тоа се спротивставувал Белград, така што Карнегиевата комисија не го посетила вардарскиот дел на Македонија. Од тој дел успеала само да ги анкетира бегалците во Бугарија, што секако ја отежнало работатата на самата Комисија.

[1582] Факт е дека работатата на самата Комисија била попречувана, особено од Белград и Атина, со оглед на тоа што на теренот од Македонија веќе 4 децении, во рамките на Османлиската Империја, легално функционирала Бугарската егзархија како најмоќен експонент на бугарската пропаганда. Тоа значело дека Комисијата можела да констатира најголем број верски припадници на Егзархијата, како и најголем дел на ученици кои учеле или завршиле бугарски основни и средни училишта во организација на таа Црква. Исто така, Комисијата утврдила верници на Грчката патријаршија и ученици на српските и грчките училишта контролирани од грчките и српските конзулати во Македонија.

договорите за поделба (што се покажало подоцна како пресудно) и фактот што „15 000 македонски доброволци во бугарската војска, кои можеа да бидат оставени да се борат во Македонија за свои цели, близу до своите домови, беа присилени за време на војната да престојуваат далеку од своите села во Чаталџа и Булеир“, денешна Турција. Според Комисијата, „ако целта на оваа тактика беше да се олесни поделбата, резултатот не заостана“ и дека „стравот од вистинско ослободување на македонската нација донесе освојување од спротивставените страни.“[1583]


treaties, but unknown to the public at large, which had yet to become accustomed to it. In any case the 15,000 Macedonian volunteers who might have been left to fight in Macedonia itself, near their homes, were compelled to dwell throughout the war, far away from their villages, at Tchataldja and Boulair. The number of inconvenient witnesses of the work of denationalization in Macedonia was as far as possible reduced, and the taking possession of the conquered country by the Servian and Greek armies as far as possible facilitated. If the aim of these tactics was to facilitate partition, the result went beyond it. What was precipitated was the loss of Macedonia to the profit of the allies. Fear of a real liberation of the Macedonian nation brought about its conquest by the competitors. In January, the Macedonian legionaries of General Ghenev began accusing the Bulgarian government of having deceived the people in order to "sell Macedonia." In fact the government deceived only itself.

Извод од извештајот на Карнегиевата комисија: „Во секој случај, 15 000 македонски доброволци, кои можеа да бидат оставени да се борат во Македонија за своите цели, близу до своите домови, беа присилени за време на војната да престојуваат далеку од своите села, во Чаталџа и Булиер... Ако целта на оваа тактика беше да се олесни поделбата, резултатот не заостана. Она што беше наталожено е загубата на Македонија заради профитот на сојузниците. Стравот од вистинското ослободување на **македонската нација** донесе освојување од спротивставените страни. Во јануари македонските легионери на генералот Генев започнаа да ја обвинуваат бугарската Влада дека го измами народот за да *ја продаде Македонија*.“[1584]

Карнегиевата комисија, составена од меѓународни авторитети, правилно ја согледале реалната состојба, односно намерата на балканските држави не да ја ослободат, туку да ја освојат Македонија, како и дека не би ѝ дозволиле на македонската нација сама да ја извојува својата слобода и држава. Рускиот член на Карнегиевата комисија, Павел Н. Милјуков,[1585] по

[1583] Стојчев, В. - Стојчев, А. *Букурешкиот* ... : 549, 744.

[1584] Carnegie Endowment for International Peace, Division of intercourse and Education, Publication No. 4, Report of the International Commission To Inquire into the Causes and Conduct of the Balkan Wars, Washington DC, 1914,59.

[1585] П. Н. Милјуков бил виден руски политичар, државник, универзитетски професор и публицист.

неговото враќање од Солун во Русија во јануари 1913 година во својот угледен дневник *Реч* за немилосрдното расчеречување на Македонија меѓу новите нејзини освојувачи, за отстранувањето на учеството на Македонците во креирањето на нивната натамошна судбина и нивното нескриено незадоволство, меѓу другото, напишал: „Тешко е да се сомневаш во тоа дека отстранувањето на **Македонците** од непосредното учество во ослободувањето на нивната татковина било систематско и преднамерно. Во тој момент, кога насилно се расечуваше македонскиот јазол, очевидно најдобро било тоа да се прави без сведоци. Се разбира, ваквата тактика не можеше да остане без протести предадени во Солун до бугарскиот цар... Договорот за поделба тие уште не го знаат - или официјално го игнорираат.“[1586]

Доказите за таквата нивна кобна намера Бугарија, Грција и Србија ги наоѓаат во нивните меѓусебни договори за поделба на Македонија. Оваа констатација ја потврдил и најголемиот српски научен авторитет од тоа време, претседателот на САНУ и ректор на белградскиот универзитет, проф. д-р академик Александар Белиќ. Тој во 1913 година во коментарот за српско-бугарскиот договор за поделба на Македонија од 29 февруари 1912 год., меѓу другото, го запишал и следново: „Ним (Србија и Бугарија) најпосле им беше познато и тврдењето на самите Македонци дека тие се подеднакво далечни и од Србите и од Бугарите. Сето тоа ги прогонуваше нивните одговорни политички кругови да ги напуштат старите патишта кои не ги донесе до целта ниту Србите ниту Бугарите, туку до неа да дојдат со договор за поделба на Македонија. Таа нова точка на гледиштата ја препознаваме во српско-бугарскиот договор.“[1587]

ИЗВОРИ 1912 – 1918

1912 год. Димитар Ризов.[1588] Иако бил целосно во функција на велико-бугарската политика, во 1912 година во Рим, во разговор со прославениот хрватски вајар Иван Мештровиќ, во моменти на целосна отворност и носталгија се изјаснил за својата народност: „Во медените месеци на успешниот почеток на војната против Турците ми зборува како уверен Југословен. Мене, како на Хрват, ми ја објаснуваше вистинската слика на

[1586] Ристовки, Б. *Појави и процеси*..., 211.

[1587] Белић, А. *Срби и Бугари у Балканском савезу и међусебном рату*. Београд, 1913, 98.

[1588] Општественият деец од Македонија, Димитар Ризов, имал можности отворено да се стави во улога на великобугарската национална кауза и на великобугарската државна политика. За таа своја поткрепувачка дејност тој бил демаскиран и јавно критикуван од страна на Ѓорче Петров.

работите во Македонија и ми зборуваше дека е штета што првата словенска слободна држава не е создадена во Македонија, која во заедницата еднакво би ги привлекувла Бугарите и Србите и би била алка, а не раздор меѓу Србите и Бугарите... Ми раскажуваше дека **Македонците**, говорејќи ја објективната вистина, не се ни Бугари, ни Срби, туку **македонски Словени**, кои говорат на свој посебен македонски јазик или наречје...

Нашиот свет, рече, беше само „**македонски христијани**“, потоа стана, кога се разви грчката пропаганда „**македонски христијанин - Славјанин.**“ Нам ни беше сеедно која христијанска земја ќе ни помогне да се ослободиме од Турците. Јас сум роден во Битола. Во Битола имаше неколку гимназии: турска, грчка, српска и бугарска. Нам, на Словените, ни беше сеедно во која словенска гимназија (ќе учиме). Јас, на пример, со многумина свои другари, коишто потоа станаа Бугари, учев во српска гимназија. Вистина е дека професорите во гимназијата ни зборуваат оти сме Срби, како и на оние во бугарската гимназија оти сме Бугари, но ние во себе си мислевме, а тоа и дома ни го зборуваа: сеедно, нека прикажуваат тие, но ние сме си **македонски Словени христијани**...“[1589]

1912 год. Хенрик Тума, Словенија.[1590] „Решавачко значење за создавањето на југословенската идеја имаат државно-правните прилики. Речиси половина од Југословените живеат во Австро-Унгарија, т.е. 5 700 000 Србохрвати и 1 200 000 Словенци, додека на Балканот живеат 3 500 000 Срби, 4 000 000 Бугари и **1 200 000 Македонци**...

Јазично сите словенски племиња се сродни... Филологот д-р Јагиќ смета на пет наречја: словенечко (кајкавштина); хрватско (чакавштина), српско (штокавштина), **македонско** и бугарско. Од тие наречја се развија три книжевни јазици: словенечки, српски и бугарски. Јужните **Македонци** ни го зачуваа старословенскиот јазик. Светото писмо, подарок од св. Кирил и Методиј, не е пишувано како што се тврди филилогот д-р Миклошич на јазикот на панонските Словенци, туку како што е природно и како што го докажа филологот д-р Облак на јазикот на словенските апостоли, т.е. на **македонското наречје** во близината на Солун...“[1591]

1589 *Документи за борбата*..., том 1: 539; Meštrović, I. *Uspomene na političke ljude I dogagjaje*. Zagreb, 1969: 25-26, 39.

1590 Хенрик Тума бил истакнат словенечки социјалист, политичар и публицист.

1591 *Документи за борбата*..., том 1: 524; Tuma, dr. N. „Jugoslovanski in Balkanski problem“. *Naši zapiski*, 8-9. Ljubljana, 1912: 233-234, 239.

1912 - 1918 год. Народна и јазична мапа на Балканскиот Полуостров, Австро-Унгарија.





Во легендата на оваа австриска мапа објаснето е дека Македонците се посебно обележани

1913 год. Никола Пашиќ, Србија.[1592] Во неговото писмо до рускиот министер за надворешни работи, Сергеј Сазанов, пишува: „**Македонските Словени** пред навлегувањето на Егзархијата, т.е. до почетокот на шеесетите години на минатиот век, себеси сè нарекувале **Словени**, а по навлегувањето на Егзархијата некои од нив започнале да се нарекуваат и Бугари. Меѓутоа, судејќи по резултатите на сите непристрасни истражувачи, ова население, по јазикот и обичаите, се наоѓа меѓу Србите и Бугарите, така што според тоа не е коректно категорички да се тврди дека им припаѓаат ниту на едните ниту на другите. Бугарите со воспоставувањето на Егзархијата за словенското население во Турција започнале да ја користат како своја национална пропаганда, така што целото население кое побарало заштита во Егзархиската црква го нарекле Бугари, и тоа повикувајќи се на турскиот обичај - 'верата го означува народот'. Затоа селаните од едно исто село се нарекувале себеси Срби или Бугари, во зависност од тоа на која Црква ѝ припаѓаат. Ваквите појави се среќавале и во едно исто семејство."[1593]

1913 год. Димитрија Чуповски. „Сега, кога делото за ослободување на Македонија е завршено, т.е. турската власт е изгонета, а наместо неа сојузниците ѝ поставија своја окупациона власт, сега погледот во иднината на Македонија изгледа уште помрачен и пожален отколку што беше порано. Од

[1592] Никола Пашиќ, еден од најголемите српски политичари и претседател на Влада на Кралството Србија.

[1593] Митрова, М. *За македонскиот* ... : 213; *Документи о спољњој политици Краљевине Србије, 1903 - 1914*, књ. VI, св. 2. Београд, 1981: док. бр. 292, 386.

односот на окупационата власт кон македонското население јасно се гледа дека своето последно ропство Македонија го заменила со уште полошо, не само политичко туку и духовно, притоа тројно. Во областите на Македонија што ги зазедоа сојузниците положбата стана неподносливо тешка. Уште мирот со Турција не е склучен, а **окупационите власти со драконски мерки се борат да добијат од населението изневера на својата националност, своето име и своите завети, во името на кои овој народ се бореше за слобода**..."[1594]

1913 год. Георги Георгов[1595]„Опасен експеримент во кој енергично се укажа дека европската и балканската дипломатија се зафатиле само со прашањето за добивање самостојност на Албанија, но го заборавиле правилниот и неизмерно поважен етнографски, географски, историски и политички фактор на Балканскиот Полуостров - Македонија и Македонците... Сојузниците, опиени од неочекуваните успеси, како што се гледа од целата нивна активност, ја отфрлиле секоја мисла за автономија на Македонија и имаа намера не само да ја ампутираат неа, како жив организам, туку и наполно да си ја поделат меѓу себе, заборавајќи сосема дека правејќи слични операции над географска Македонија, над нејзината територија, со само тоа на никаков начин не треба да се убие и да се раздели нејзината душа - етнографска Македонија..."[1596]

1913 год. Никола М. Ракиќ, Србија.[1597]

„На господинот министер за просвета и црковни работи...

Управата на училиштето на американската мисија ги поднесе овие приложени списоци на учениците каде што ги нема сите оние барани податоци.

Отпрвин јас сакав да ги вратам на Управата тие списоци, бидејќи не ми беа поднесени[1598] во одредениот рок и заради намерното означувње на народноста „**Македонец**", но се откажав од таа намера бидејќи тие вака составени нејасно ги утврдуваат противнационалните тежненија на работата и

[1594] *Гражданинъ*, С. Петербургъ, 27.1.1913: 14; Ристовски, Б. *Појави и процеси* : 105-106.


[1595] Георги Георгов бил еден од основачите на Македонската лига во 80-тите години на XIX век.

[1596] Ристовски, Б. *Појави и процеси*..., 107; „Стремяче, Опасный экспериментъ". *Славянскія Извѣстія*, 12, (15). С. Петербургъ, 3.2.1913: 175-177.

[1597] Инспектор на Министерството за просвета и црковни работи на Кралството Србија за Битолската Област.

[1598] Писмото на инспекторот Управата на ова училиште му ги испратила преку неговиот служител.

мисијата на тоа училиште, бидејќи за нив **народноста „Македонец“ е нешто друго од народноста „Србин**“, како што се гледа од самите списоци, па ги препраќам на господинот министер во оргинал на увид...“[1599]



ИНСПЕКТОР
СРПСКОГ КРАЉЕВСКОГ
МИНИСТАРСТВА ПРОСВЕТЕ И ЦРКВЕНИХ ПОСЛОВА

ЗА БИТОЉСКУ ОБЛАСТ

Повер. Бр 8
10. децем 1913 год.
Битољ.

Господину
Министру Просвете и Црквених Послова.

Пов. данас ми је пређе свега моју „Житељ, бој ликвиду школског акта и обрасложења „јавља ради у коме остављена рока гледела јесно „прилагођена тарифрева актом Мбр 583 од 20. тек. „месеца, Управа мисије америкаске мисије подне „ла овде прилоџење списка ученика, где нема „свих оних потребних података.

„У први мах ја сам хтео да вратим „Управи тај списак, јошто мени нису поднесе „ни у одређеном року и због намерно одавање на „родности „Македонац“, али сам од тог намере о „дустао што ми ово наставовно најјасније „указује на противнационалне тенденције рада те „школе и мисије, јер је за њих народност „Ма „кедонац“ нешто друго од народности „Србин,“ „Као што се то из самих списка види, те „их достављам Господину Министру у дигни „тету на увиђај.

„О овој акти браћам ме покорно „извештај, како је наређено актом Пов. Бр. 77 „од 25. септембра т. год.

Повер. бр. од 29. новем. ов. год.

ИНСПЕКТОР
За Битољску Област
Никола Ђ. Јакић.

АС. МПС. П. К-6, б.б 1913

Писмо на битолскиот областен инспектор од 1913 година во кое го информира надлежниот министер дека училиштето на американската мисија во Битола му испратило список на ученици кои по народност биле „Македонци“, нешто друго од народноста „Србин“.

1913 год. *Илустрована ратна кроника*, Србија. Во ова сведоштво од посетата на Дојран и Дојранско претставниците на српскиот воен санитет имале средба со локалното население: „Наеднаш слушнавме страшни

[1599] Документот е пронајден од проф. д-р Александар Стојчев, кому му изразувам благодрност за можноста да се објави во ова книга. Архив на Србија. МПС. П. К-6, б.б.1913.

топовски грмежи... Борбата се водеше цела ноќ и ден над Дојран, чијшто исход сè уште не беше познат... Во селото сите зборуваат на **македонски дијалект**... Останавме таму повеќе од половина час. Се упативме по друг пат кон станицата. Во долината, под самото село, наидовме на еден збег **Македонци.**[1600] Се упативме со нив. Сите се собраа околу нас. Во таа група бедници немаше повозрасни од шеесет ни помлади од шеснаесет години. Сите останати Бугарите ги однеле со сила во борба против Србите и Грците. Ги прашавме кои се и од каде се? - *Ние сме Бугари* - рече еден.

- *Не, **ние сме Македонци*** - брзо (одговори) вториот - *а сега ќе бидеме Грци*...

Тие зборови беа изговорени искрено, без страв, бидејќи пред нив не беа Грците под чија власт потпаѓаат за да би се сомневале во нивната вистинитост...[1601]

1913 год. Александар Белиќ, Србија.[1602] Белиќ во 1913 година во коментарот за српско-бугарскиот договор за поделба на Македонија од 29 февруари 1912 год., меѓу другото, го запишал и следново: „На нив (Србија и Бугарија) најпосле им беше познато и тврдењето на самите **Македонци** дека тие се подеднакво далечни и од Србите и од Бугарите. Сето тоа ги прогонуваше нивните одговорни политички кругови да ги напуштат старите патишта кои не ги донесе до целта ниту Србите ниту Бугарите, туку до неа да дојдат со договор за поделба на Македонија. Таа нова точка на гледиштата ги гледаме во српско-бугарскиот договор.“[1603]

1913 год. Македонска колонија во Петроград.

„МЕМОРАНДУМ ЗА НЕЗАВИСНОСТА НА МАКЕДОНИЈА (1.3.1913)

Македонците го извојуваа правото на самоопределување и низ целата своја најнова историја. Во името на независноста и слободата тие се бореа со векови, особено по Берлинскиот договор тие безброј пати се креваа на востанија и секогаш се одликуваа со решителност и храброст...

Врз основа на сето ова, **Македонската колонија во Петроград**, исполнувајќи го светиот долг кон својата татковина и свесно застапувајќи ја

[1600] Според описот на авторката на текстот, бегалците најверојатно доаѓаат јужно од Дојран, односно од Кукушко.

[1601] *Илустрована ратна кроника*, 3.10.1913, св. 50, 403.

[1602] Академик Александар Белиќ (1876 - 1960), претседател на САНУ и ректор на белградскиот универзитет.

[1603] Белић, А. *Срби и Бугари у Балканском савезу и међусебном рату*. Београд, 98.

паролата 'Македонија на Македонците' - протестира и не може да остане рамнодушна кога сојузените балкански држави (Бугарија, Србија и Грција) - наши браќа по крв и вера се стремат да ја раздробат нашата татковина, која стои на исто културно ниво со нив, која и по бројноста на населението (три и пол милиони жители) е поголема од Србија и Грција поодделно. Таа не може да го гледа без болка пропаѓањето на својата несреќна татковина, погребувањето и уништувањето на политичкиот и духовниот живот на целата нација. Поделба на Македонија од нејзините браќа е најнеправедниот акт во историјата на народите, газење на правата на човекот, срам за целото словенство.

Турското ропство е заменето со христијанско, но не е далеку оној злокобен час (тој наближува - македонските четници веќе истапуваат против непријателите на својата татковина) кога **Македонците** отворено ќе му кажат на целиот свет: *Подобро е да умреме во борбата за својата слобода отколку да живееме одново во ропство*..."[1604]

1913 год. Весник *Македонски глас*. „Така, во 1888 година се образува **Славјанско-македонска книжевна дружина** од емигранти Македонци во Софија под претседателство на Георгија Пулевски со цел да ја преброди народната македонска литература. Бугарската Влада ја растури и мнозина нејзини членови ги истера од границите на Кнежевството.

По две години во таа иста Софија бугарската Влада ги затвори вечерните школи, специјално отворени за емигрантите **Македонци** - занаетчии, раководителите на овие школи, **македонските патриоти**: Дамјан Груев, Делчев, Петре Поп Арсов и многумина други ги протера од Бугарија."[1605]

[1604] *Документи за борбата*..., том 1: 553-555; *Македонски глас (Македонски голос): Органи на приврзениците на Македонија 1913 - 1914*. ИНИ. Скопје, 1968: 56-58.

[1605] *Сведоштва* ... : 57; „Управда, Кѣмъ была Болгарія для Македоніи". *Македонскій голосъ*, г. 1, бр. 5. Сентября, 1913: 77.



„КАРТА МАКЕДОНИА“ по програма на македонските народници,
изработена од Димитрија Чуповски 1912 год.

1913 год. Наце Димов Чуповски. „Во овој момент гледаме дека Србите, благодарејќи на географската положба и политичките комбинации со поддршка на братска Русија си имаат кралство.

Бугарите си имаат царство извојувано со руска крв, а **Македонците**, благодарејќи на конкурентите, си останува под турско ропство. Освен тоа, **Македонците** настрадаа уште и затоа што, наоѓајќи се под турско ропство, тие беа од сите страни економски блокирани и немаа државна организација и издршка на училишта и учебни институции. Осудени отпрвин од римското владеење, а потоа под византиско потиснишство и најпосле под турско ропство, страшното име **Македонец** си наоѓаше засолниште од поколение во поколенија само во македонските срца. Што се однесува до **македонскиот јазик**, Турците него отпрвин го викаа грчки и ги поддржуваа грчките училишта и цркви, а кога при преродбата на Словенската егзархија беше призната бугарската народност, Турците, мислејќи си дека разделувањето на македонскиот народ во училиштен и црковен однос ќе им даде можност да ја задржат својата власт во Европа, не штедеа средства и правеа сѐ што служеше како материјал за одземање на јазикот и културата на **македонскиот народ**.

Ете зошто **Македонците** беа принудени да се потчинаат и да ги даваат своите деца во грчките, српските и бугарските училишта. Поради тоа во Македонија настана таква положба што еден и ист **македонски народ** го нарекуваат Грк, Србин и Бугарин само затоа што еден го признава грчкиот патријарх и се моли во грчките цркви, а друг оди во словенска црква. Во едни и исти градови и села поповите што добиваат плата од Бугарската егзархија се нарекуваат Бугари, оние, пак, што добиваат плата од Српската митрополија се нарекуваат Срби, а словенското македонско население што оди во едно или друго училиште или црква се нарекуваат себеси Грк, Србин или Бугарин..."[1606]

1913 год. Меморандум на Македонците.

„МЕМОРАНДУМ НА МАКЕДОНЦИТЕ (7.6.1913)

Сетете се браќа Бугари, Срби и Грци дека вие сте се преродиле за нов живот дури по 14 крвави војни на Русија со Османлиската Империја и дека вие со својот сегашен подвиг сте ѝ вратиле на својата благородна покровителка само дел од историскиот долг. Сетете се и тргнете по примерот на великата Русија која ви обезбеди независен живот.

Сетете се дека раскинатата Македонија ќе биде меѓу вас вечно јаболко на раздор. Сетете се дека и во минатите историски времиња гинеле една по друга држави во борбата за Македонија и не продолжувајте го крвавиот синодик во сегашново време. За подолго постоење на Балканскиот сојуз и на добрососедските односи на државите што влегуваат во неговиот состав, неопходно е да се отстрани секакво заемно соперништво поради Македонија, да ѝ се остави нејзе автономија за да можат **Македонците** како самостојна и рамноправна држава доброволно да влезат во општиот сојуз. Внатрешните раздори на словенството и со него историски и културно сврзаното единство се поопасни отколку сплетките на многубројните надворешни непријатели...

Ние не можевме своевремено да го убедиме руското општество дека постои сè што е неопходно за создавање независна македонска држава, а имено: **1)** дека во Македонија нема поголема разнообразност на населението отколку што е разнообразноста на населението во Србија и во Бугарија пред нивното ослободување од турското ропство; **2)** дека постои една националност што го претставува мнозинството на населението во Македонија и што ѝ придава етнографско единство на земјата - тоа е словенскиот

[1606] *Документи за борбата*..., том 1: 558-561; Димов, Н. Д. *Исторический очерк Македонии и македонских славян*. Петербург, 1913: 74-78 (фототипно издание).

народ, **Македонците**, кои во цела Македонија претставуваат една и иста, а не две или неколку народности, како што тврдеа Бугарите и Србите; **3)** дека Македонците никако не претставуваат такви безволни и несвесни словенски дивјаци, што според уверувањето на Србите и Бугарите, во српските и бугарските училишта мошне лесно можат да се претворат во Срби или Бугари. Напротив, ние претставуваме наполно оформена нација што располага со интелигенција... многубројна и разнострана. Ние располагаме со множество имиња на општествени и културни дејци што го дадоа својот живот за слободата и културата на својата татковина Македонија. Ние имаме стара и висока месна македонска култура.

Србите, Грците и Бугарите откако ја завладееја Македонија уште подобро се убедија во постоење упорна и закалена во борбата македонска национална свест; поради тоа тие ѝ објавија најжестока војна на македонската национална свест и воопшто на македонската национална култура... Тие ги употребуваат сите, и дозволени и недозволени средства, за да ги претворат заграбените од нив делови на Македонија во пустиња, а во културен однос - за да можат врз урнатините на старата месна култура да развијат своја.“[1607]

1913 год. Димитрија Чуповски.

„ДО МАКЕДОНСКИОТ НАРОД...

Македонци! Наша должност и наша света обврска да им изјавиме на браќата Руси, Бугари, Срби, Грци и на целиот свет дека **ние сме одделен од нив словеномакедонски народ,** кој нив ги сака со еднаква љубов...“[1608]

1913 год. Петар Милјуков, Русија.[1609]

„Јас имав можност да ја проследам историјата на овие односи речиси од самиот почеток на македонското револуционерно движење, од втората половина на 90-тите години. При своите патувања по Македонија јас уште тогаш среќавав поединци - интелектуалци апостоли на македонската автономија, а потоа и на независноста. Но тогаш тие беа само поединци. Само по неколку години јас се натакнав на цел еден кружок во Битола што веќе ги разработуваше принципиелно прашањата на македонскиот сепаратизам. Малку пред Востанието во 1903 год. имав случај да ја видам и третата фаза - проникнување на овие идеи веќе во самата народна маса. Во времето на

[1607] *Документи за борбата*..., том 1: 566-568; *Македонски глас*..., 52-55.

[1608] *Документи за борбата*..., том 1: 568- 571; *Македонски глас*, 63-66.

[1609] Руски политичар, државник, универзитетски професор, историчар и публицист.

непосредна подготовка за востание стана невидено чудо - масата се кристализира и се обедини околу своите раководители. Тоа беше највисоката точка до којашто се издигна македонското движење.“[1610]

1913 год. Весник *Русише рундштау*, Австро-Унгарија. Весникот известува за впечатоците на рускиот офицер Миљуков за големото незадоволство на Македонците од поделба на нивната татковина меѓу трите соседи и за македонските доброволци во бугарската армија, која, наместо да ги испрати во Македонија, Бугарите ги испратиле далеку на исток во Чаталџа, што подалеку од нивната татковина - Петербург. Водачот на кадетите, П. Миљуков, кој како што е познато пред кратко време се врати од едно балканско патување, известува во *Ријеч* за **македонскиот став**, кој, како што изјавува, без сомнение постои, но кого сите интересенти, со исклучок на самата Македонија, се трудат да го забораваат. Македонскиот став е на една единствена и неделива автономна Македонија, една **Македонија за Македонците**, во никој случај не една основана поделба на Македонија, како што моментално ја прават Бугарите, Србите и Грците. Македонија според оваа поделба повеќе не би претставувала правен субјект, туку предмет на трговија. Идејата за поделба додуша е стара, но таа е идеја на соседните нации, не на самата Македонија.

Миљуков понатаму раскажува како околу 15 илјади доброволци[1611] кои би сакале да се борат во својата татковина биле пратени во Чаталџа, Родосто итн. ...“[1612]

1913 - 1914 год. Апел на македонски патриоти во весникот *Македонски глас*.[1613] „Ви изјавуваме дека ние Македонците не сме Срби, не сме Бугари и не сме Грци. Но нашето срце е отворено за љубов и вечно пријателство спрема сите вас... И дајте ни нам, на Македонците, можност да го организираме својот живот во родната земја во согласност со нашите интереси. Не пречете ѝ на Македонија да стане целосна, самостојна, независна...[1614]

[1610] Ристовски, Б. „Улогата ... : 388-389; Милюков, П. „Война или миръ? IV, Македонская токк зрѣнія“. *Речъ*, бр. 26, СПб. 27.01. (9.12.) 1913: 2.

[1611] Станува збор за Македонци кои живееле како емигранти во Бугарија.

[1612] *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 150-151; „Миљуков за македонското прашање“. *Русише рундшау*. Виена, 10.2.1913: 1.

[1613] Потписници на Апелот биле: Д. Чуповски, Д. Пешевски, К. Угриновски и П. Божидарски.

[1614] *Македонский голос 1913 - 1914*, С. Петребургъ; *Македонски глас*. Скопје, 1968: 291.

1914 год. А. Ф. Ритих, Русија. „Во времето на Симеон Бугарски, Склавинијата Берзитија била покорена од него, но таа зависност траела кратко време, и тоа не значи дека Македонија станала Бугарија. Во **македонскиот народ** нема ниту капка монголска крв, каква што има во Словените од денешна Бугарија, и тоа повеќе отколку што е потребно. Ова се потврдува и од името на нивниот народ и делумно од нивниот антрополошки тип, кој потсетува на нашите Печенези, Јазиги, Авари и нивните роднини Бугарите.“[1615]

1914 год. М. Рајчевиќ, Србија. „Нема да ги цитирам стотината случаи што стануваа пред моите очи, туку ќе го кажам само тоа што јас, како Србин, престојував во Македонија, каде што имаше стоилјадна српска војска околу една година, но простум не забележав кога научив да зборувам на **македонски јазик**, т.е. **Македонците** систематски ме научија да говорам на нивниот јазик. Притоа, забележав дека не само интелегецијата, а меѓу себе и дома, т.е. во татковината, во Македонија, тие секогаш си говорат на својот мајчин јазик.“[1616]

1914/15 год. Павле Блажариќ, Србија.[1617] „Додека бев во Битола, па така работев и во Дебар, влегував во мали кафеанчиња каде што се собираа христијани, ситни луѓе, занаетчии и мали трговци, па со нив би играл табла, чечбеш. Би се шегувал со нив, сега нема каде, сите мора да бидете Срби. Повеќето сите би ми одговориле, **јас сум Македонец**, почекај господине мајоре да заврши Европската војна, потоа ќе ти кажам што сум, така секаде ми одговараа низ целата Македонија...“[1618]

[1615] *Македонский голос*, бр. 11. С. Петребургъ, 20.9.1914.

[1616] Весник *Македонски глас*. С. Петербург, 2.3.1914: 236.

[1617] Павле Блажариќ, мајор на српската војска во Првата светска војна.

[1618] Блажарић, П. *Мемоари: Сава Дечанац*, 2006.



Четири поштенски картички од 1916 година на тројца македонски заробеници во австриски воен логор на кои се гледа адресирањето. На првата картичка е напишно „Kratovo Bulgrsko - Macedonia“ и врз картичката поштенските служби ставиле помошен печат „MAZEDONIEN“; втората и третата картичка е адресирана на „Македония“ и на неа службите не ставиле никаков помошен печат, иако Македонија во тој период е под окупација на Бугарија, сојузник на Австро-Унгарија; третата картичка е адресирана на „Kratovo Bulgraien“ и службите повторно ставиле помошен печат „MAZEDONIEN“. Картичките се дел од поголема збирка на поштенски картички, сопственост на Музејот на град Кратово.

1914 год. Крсте Петков Мисирков.

„МАКЕДОНИЈА И СЛОВЕНСТВОТО[1619]


Тешко чувство остави во душте на мнозина Словени минатата 1913 год. Многу надежи, многу исчекувања се разбија и разлетаа во прав. Разочараноста ги зафати Русите, Чесите, Бугарите и другите Словени.

Дали знаете Вие, читателе, нешто за **Македонците**. Постојат на светот и такви Словени; тие многу страдале, имаат славни страници во својата историја, во словенската култура; тие воделе очајна борба за својата слобода, Сте слушале, секако сте слушале Вие за нив.

И тие, ете, **Македонци**, повеќе од секој друг, се разочарале минатата година. Таа година ги уби нивните надежи за подобра иднина, ако не засекогаш, барем за многу години. Место да го постигнат вековниот идеал - ослободувањето на Македонија од ропство - тие само го сменија турското ропство со ново - грчко и српско...

Сите се во тоа по малку виновни: и Бугарија, и Русија, и Србија, и Франција, и Англија, и Германија...“[1620]

1914 год. Весник *Харисбург телеграф*, САД.



HARRISBURG TELEGRAPH

MAY 25, 1914.

Honor Saints.—Services in honor of Cyril and Methode, two saints, who transformed the Macedonian and Bulgarian languages into their present form, were held in the Bulgarian and Macedonian churches of the borough yesterday.

„Служби во чест на св. Кирил и Методиј, двајца светители кои ги преобразиле македонскиот и бугарскиот јазик (јазици) во нивниот сегашен облик беа држени вчера во околните бугарски и македонски цркви...“[1621]


[1619] Поводот на Мисирковиот текст бил Букурешкиот договор, кој оставил катастрофални последици за судбината на Македонија и на македонскиот народ.

[1620] Лапе, Љ. „Статија на Крсте Мисирков од 1914 година.“ *Историја*, 1. Скопје, 1965: 32-35; (Мисирковь, К. П. „Македония и Славянство“. *Славянски известия*, 9. 1.5.1914.).

[1621] https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/06/1914.05.25_Harrisburg-Telegraph-768x530.png.

1914 год. Атанас Раздолов.[1622] „Јас мислам и длабоко сум уверен дека еден **народ, како македонскиот,** кој се родил и живее во непрекинати борби, нема така лесно да се покори на својата сегашна судбина, дека робството ќе роди нови борби, со нови средства, со нови знамиња и со нови идеали...“[1623]

1914 год. Градски совет на Харизбург, САД.




PROCLAIM CLEAN-UP IN THREE TONGUES

Reason For the Official Scouring Is Going to Be Explained

The official clean-up period begins to-morrow. In English, Slavish and Macedonian languages that fact will be proclaimed throughout Steelton today.

Burgess Wigfield last evening secured the consent of council to allow him to have several hundred circulars printed in foreign languages so that the foreign-born residents of the borough may learn the "why" of the clean-up period. David P. Baker, court interpreter, has consented to translate the circulars for the burgess.



The official clean-up period begins to-morrow. In English, Slavish and Macedonian languages that fact will be proclaimed throughout Steelton today.

Градскиот совет на градот Харизбург, Пенсилванија, САД, преку локалниот весник *Харизбург телеграф* во 1914 година ги информира граѓаните дека донел одлука за чистење на предградието Стилтон и дополнително ќе ги информира жителите за акцијата на три јазика - англиски, словачки и македонски.[1624]

1914 год. Крсте П. Мисирков. Нека си мечтае Бугарија за своето проширување. **Македонците** тоа не ги интересира. На **Македонците** им е потребно повторно обединување и независност. На **Македонците** им треба не Голема Бугарија, туку обединета и слободна **Македонија**.

[1622] Атанас Раздолов (1872 - 1931) - истакнат македонски револуционер, социјалист и публицист од крајот на XIX и почетокот на XX век.

[1623] Раздоловъ, А. *Бъдещото на Балканския полуостров*. Варна, 1914.

[1624] https://scontent.fskp4-1.fna.fbcdn.net/v/; https://www.facebook.com/macedoniaendless/posts/

Ќе праша некој: кому, на какви тоа **Македонци** им е потребно ослободување на Македонија? - На сите **Македонци**, и на оние што живеат внатре и на оние што се надвор од Македонија, зашто носителите на оваа идеја се плод од потта на Македонија, се наоѓаат во тесна врска со **македонскиот народ**, со неговите традиции, потреби и идеали.“[1625]



Разгледница на француски јазик од Првата светска војна на која има фотографија со две жени во битолска носија под која пишува: „Сувенир од Истокот 1914 - 1918 Македонки.“[1626]

[1625] Мисирков, К. *Писма 1911 - 1917* (редактор Растислав Терзиоски). Скопје, 2007: 83-101.


[1626] Imp. Aurran Marseilie, Carte Postale, Souvenir D'Orient 1914 – 18, Femmes Macédoniennes.

1914 год. Карнегиева меѓународна комисија[1627] (верзија на англиски јазик). „Недовербата секогаш беше активна меѓу бугарската Влада и Македонското револуционерно движење. Бугарската Влада беше постојано исплашена дека комитите можат да ја вовлечат во внатрешни или меѓународни компликации. Сега, кога Македонија беше во позиција да биде ослободена, сè е направено да се заштитат **Македонците** самите од себе за да немаат никаков директен удел во работатата за ослободувањето. Причината можеби е делумно во намерата за поделба на Македонија, дозволена со договорите, но малку позната во пошироката јавност, која сè уште не е навикната на тоа. Во секој случај, **15 000 македонски доброволци** кои можеа да бидат оставени да се борат во Македонија за своите цели, близу до своите домови, беа присилени за време на војната да бидат далеку од своите села, во Чаталџа и Булиер. Бројот на непогодни сведоштва за чинот на денационализацијата во Македонија во голема мера беше намален, па заземањето во посед на освоената земја од српските и грчките армии во голема мерка беше олеснето. Ако целта на оваа тактика беше да се олесни поделбата, резултатот не заостана. Она што беше наталожено е загубата на Македонија заради профитот на сојузниците. Стравот од вистинското ослободување на **македонската нација** донесе освојување од спротивставените страни. Во јануари македонските легионери на генералот Генев започнаа да ја обвинуваат бугарската Влада дека го измами народот за да ја *продаде Македонија*.“[1628]

ДА СЕ СТАВИ ФАКСИМИЛОТ ОД ИЗВЕШТАЈОТ!!!

[1627] Членови на Карнегиевата комисија биле: Јозеф Редлих (Австроунгарија, професор по државно право во Виенскиот универзитет; Волтер Шукинг (Германија, професор по право на Универзитетот во Марбург); Франсис Хирст (Велика Британија, уредник на *Економист*), Хенри Браијлсфорд (Велика Британија, новинар и хуманист кој неколку месеци престокувал во Македонија по Илинденското востание); Пол д’Естурнел (Франција, сенатор); Жјустен Годар (Франција, член на Претставничкиот дом); Павел Миљуков (Русија, историчар, член на државната Дума); и Самуел Датон (САД, Колумбиски универзитет).

[1628] Carnegie Endowment for International Peace, Division of Intercourse and Education, Publication N0 4, Report of the international Commission To Incure into the Causes and Conduct of the Balkan Wars, Washington DC, 1914, 59; Стојчев, В. - Стојчев, А. *Букурешкиот договор и поделбата на Македонија во 1913 година*. ИНИ. Скопје, 2013: 549.




Легендарния войвода
Яне Ив. Сандански
„Старикътъ“ „Пиринския Царь“.
Роденъ 1874 въ с. Влахи Мелнишка околия, слѣдъ 20 годишна неуморима борба за освободителното дѣло на македонския робъ падна убитъ на 10 априлъ 1915 въ Пирина, мѣстността „Баба“, уви, отъ злодѣйската ржка на българи.

По повод убиството на македонскиот војвода Јане Сандански во 1915 год., во Бугарија е објавен овој плакат: „Легендарниот војвода Јане Ив. Сандански ’Старикот‘, ’Пиринскиот Цар‘, роден 1874 во с. Влахи, Мелнишка Околија, по 20-годишна неуморна борба за ослободителното дело на македонскиот роб падна убиен на 10 април 1915 на Пирин, местноста ’Баба‘, убиен од злосторничката рака на Бугарите.“

1915 год. Д. Т. Лесков, Бугарија. Во ова официјално издание на Бугарската црква, меѓу другото, стои: „Јас веќе реков дека св. Климент бил еден од од најблиските ученици на св. браќа Кирил и Методиј; заедно со други ученици тој ги придружувал светите браќа коишто тргнале за Моравија и Панонија. А тоа значи дека св. Климент не потекнувал од западните Словени, туку потекнувал од истата држава од која родум се и светите браќа. Значи и св. Климент Охридски бил родум од многустрадалната Македонија... Возможно е св. Климент да бил роден во она **Словенско Кнежевство во Македонија**, коешто го управувал св. Методиј...“[1629]

[1629] Ласковъ, Д. Т. *Животъ и дѣйность на св. Климентъ Охридски въ една негова прповѣд*. Св. Синодъ на Българската црква.



Животъ и дѣйность

на

св. Климентъ Охридски

съ

една негова проповѣдь.

отъ

Д. Т. Ласковъ.

Издава Св. Синодъ на Българската Църква.

София
Печатница Калѣчевъ
1915

6

Азъ казахъ вече, че св. Климентъ билъ единъ отъ най-приближенитѣ ученици на св. братя Кирила и Методия; заедно съ други ученици той придружилъ св. Братя, когато тѣ тръгнали за Моравия и Панония. А това ще рече, че св. Климентъ не е билъ отъ западнитѣ славяни, а произхождалъ отъ същата страна, отъ кждѣто били родомъ и св. Братя. Значи и св. Климентъ охридски е билъ родомъ изъ многострадална Македония. Ала въ кой кжтъ на Македония той се родилъ, това не се знае; не се знае точно и годината на неговото рождение. Обаче като се знае, че светецътъ е умрѣлъ въ 916 год., когато е билъ вече въ прѣклонна възрасть — около 70—75 годишенъ старецъ — то ще трѣбва да допустнемъ, че той се родилъ около 840—845 год. А отъ тукъ слѣдва, че въ 863 година, когато св. Климентъ заедно съ св. св. Кирила и Методия тръгналъ за Моравия и Панония, той билъ младо момче на около 18—22 години. Това прѣдположение се потвърждава донѣкждѣ и отъ пространното житие на светеца, кждѣто дѣйствително се говори, че св. Климентъ когато тръгналъ съ св. Методия билъ на възрасть още *млада и нѣжна*. Съ това биографътъ на св. Климента обяснява между другото и този фактъ, дѣто св. Климентъ тъй добрѣ познавалъ жнвота на св. Методия, както никой другъ. Възможно е св. Климентъ да е билъ роденъ въ онова *Словенско* княжество въ Македония, което св. Методий управлявалъ, докато е билъ на свѣтска служба; а когато св. Методий се отказалъ отъ свѣтската кариера и отишълъ въ монастиря при брата си Кирила, да е взелъ съ себе си и младия Климента.

1915 год. д-р Абрахам Џонстон Велика Британија.[1630] „Носиите што ги носат **македонските селанки** се најатрактивни. Во долгите зимски ноќи тие ја предат волната од своите сопствени овци и ткаат шајак... Одевме горе-долу, внатре-надвор, меѓу Албанци со бели кечиња, Турци со турбани, тврдокорни **Македонци** со извезени долами, Цигани со пиратски изглед, Евреи со фесови, Бугари со низок раст во кафеави домашно ткаени објала, високи Румунци (веројтно Власи) со високи астрагански шубари, Срби со плетени шапки од домашна слама...

Баркли и јас и еден заскитан Англичанец, рударски инженер од горниот дел на земјата, таа вечер вечеравме со конзулот:

- *Она што треба да го запаметиш, како одговор, е дека нивниот Божиќ е следната недела, нивната Нова година по една недела* - рече тој - *очекувам непријатности во новата година* - додаде сериозно.
- *Зошто*? - реков јас.

[1630] Член на медицинската хируршка екипа испратена од британскиот Црвен крст во Македонија.

- *Затоа што Северна Македонија треба да стане дел од Србија, официјално на први јануари. Народот ќе излезе на избори за да изберат членови на Скупштината*.
- *Но зошто тоа би предизвикало непријатности*?

Конзулот се насмевна и продолжи да молчи, но инжинерот којшто имаше официјална воздржаност, одговори:

- *Зошто*! *Бидејќи тие ќе бидат обврзани за регрутација. Ќе ги повикаат младите за да ја зајакнат соголената српска војска, тие не го сакаат тоа. Многумина од нив се бугарски симптизери... **просечниот Македонец не е ниту Србин, ниту Грк, ниту Бугарин.** Тој е она што што му одговара на времето. Боже! Македонското прашање! Ќе настане 'мал пекол' кога ќе почнат да се молкнат како регрути во Скопје. Чаршијата веќе врие од револт*.

Конзулот се насмевна сериозно:

- *Националноста во Македонија во голема мера е прашање поврзно со верата. Едно време сиве овие луѓе припаѓаа кон Грчката црква, па така беа класирани како Грци, иако тие најчесто не умееја да кажат ниту збор на грчки! Потоа Српската православна црква беше призната од сложниот Турчин, којшто сакаше да ги раздвои христијаните, па така луѓето што ѝ припаѓаат на оваа пропаганда беа сметани за Срби... Потем Бугаринот замеша рака. Нивната црква - Егзархијата - е нешто поинаква, и луѓето што се 'егзарси' ги сметаат за Бугари. Грците и Србите не ја признаваат Егзархијата, па така обете цркви меѓусебно се екскомуницираат една со друга*...
- *Но дали овој **македонски народ** навистина се разликува*? - прашав јас.
- *На извесен начин да или не. Едноставно, тие се **Македонци**. Вистинските Срби и вистинските Бугари се сосема различни раи*..."[1631]

[1631] Џонстон, А. Џ. *Мојот балкански дневник* (избор и превод д-р Влдимир Цветковски). Скопје, 2009.

1916 год. Рене Пикар, Франција.[1632]

„АВТОНОМИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Идејата за македонската автономија им е блиска на сите оние што ја познаваат балканската историја и политика. Ако се обидеме да ги прашаме христијаните од Македонија, би ни одговориле дека автономијата е најпожелното решение.

Има и фактички секогаш имало Македонија и **македонски дух**. Географски Македонија има своја целост...

Христијанското селско население е **словенско**. Познато е дека тоа не е наполно бугарско, макар и да се приближува повеќе кон Бугарите, ниту наполно српско. **Самите Бугари признаваат дека Македонците се разликуваат од другите Бугари** со тоа што тие се со пожив дух, повеќе се запалени со политика и интриги и повеќе склони кон ораторство и уметност, исто така се поитри, со еден збор тие се по малку елинизирани. Во Софија македонските политичари се опасни; многумина Бугари од стара Бугарија со задоволство би дочекале македонските Бугари да се вратат во Македонија. Тие ги обвинуваат дека им ограбуваат сè, служби и привилегии. Мнозина од Балканците се на мислење дека на Балканот не ќе има мир и стабилност сè додека не се создаде една автономна Македонија. Во секој случај, веројатно е дека создавањето на една автономна Македонија би придонело бргу да се развие македонски патриотизам и дух...“[1633]

1916 год. Џан Гордон, Велика Британија. „Самите **Македонци** тој ги означи како спасоносна раса на добри работници, строги во нивната религија, почитувачи на пости и многу внимателни за моралот на жените; многумина беа со физичка форма, иако природно најсмелите се побунија и беа меѓу српските и бугарските комити. Не можеле да носат оружје затоа што биле робови; тие немаа никакви права спроти Турците предодредени да ја извршуваат правдата меѓу секој **Македонец**, ова беше толку подложено на мито...“[1634]

[1632] Рене Пикар, експерт за македонското прашање, како човек задолжен од француската Влада за разузнување престојувал на Македонскиот фронт 10 месеци. На 20.7.1916 год., составил писмен концепт - „Иднината на Балканот“, во кој посебно истакнал дека единствено решение е автономија на Македонија.

[1633] *Документи за борбата*..., том 1: 587-588; Les Archives du Ministére des affaires étrangerés, Paris, Guerre 1914 - 1918, Balkans, Dossier gènerale, 138-165.

[1634] https://мна.мкд/wp-content/uploads/i-/11--/11.1---/1916_jan-gordon-a-balkan-freebooter-london-n.jpg; Gordon, J. *A Balkan freebooter*. London, 1916: 305.

1916 год. Весник *Дејли ривју*, Велика Британија. „Изгледа дека дојде времето да се коригира **фаталната грешка на европската дипломатија** којашто одредено време **дозволи поделба на Македонија меѓу три мали балкански држави**. Ова никогаш нема да може и нема да биде прифатено од македонските патриоти. Факт е дека колку и Бугарите да сметаат дека Македонија е нивна, **македонскиот народ** јасно истакнува дека тие не се Бугари, ни Срби, ниту Грци, туку само **Македонци со свој јазик или посебен говор, со своја историја и сопствена самосвест и дека тие сакаат да живеат независен национален живот**.“[1635]

1916 год. Стара жена од с. Добровени, Битолско. На прашањето од американскиот новинар Херберт Кори, дописник на *Нешнел џеографик* кој известувал од Македонскиот фронт, до една старица од с. Добровени, Битолско, дали е Бугарка или Србинка, таа кратко му одговорила: „**Ниту Бугарка, ниту Србинка“** - рече една стара жена, пркосно го оставив монастирскиот пат кај с. Добровени. „**Јас сум само Македонка** и сита сум од војна.“[1636]

1916 год. Манолис Триандафилидис и Тенис Музос, Грција.[1637] „Оние кои Грците ги нарекувале Бугари, славофонски или бугарофонски Грци, самите себеси се нарекувале **Македонци**, а јазикот кој го говореле ’**македонски**‘ (значи словенски).“[1638]

1916 год. Димитрија Чуповски за својот брат Наце Димов. „**Македонски деец** Наце Димитриевич Димов. Умрен на 15 јули 1916 година, на 40 години од раѓањето. Живееше тој и се бореше за правото и слободата на **македонскиот народ**. Умре тој далеку од крајот роден без да го види слободен.“[1639]


[1635] *Daily Review of the Foreign Pres*, Series 2, No. 161, October 2, 1916: Macedonia: a True Endless Story… 14 март 2020.

[1636] Кушевски, В. - Кушевски, П. „На монастирскиот пат“, една дописка од Солунскиот фронт од Херберт Кори во американското списание *The national Geographic Magazine*. *Историја*, 2. Скопје, 1974: 377-418; Korey, H. „On the Monastir road“. *The National Geographic*. Washington, May 1917, Vol. XXXI, 5: 383-412.

[1637] Во 1916 година во Атина, под редакција на Манолис Триандафилидис, била издадена една мала книшка во која се обработувале теми во врска со образованието во Македонија која потпаднала под грчка власт. Како прилог на оваа книшка извесен Тенис Музос се осврнал на тоа како се именува тамошното население.

[1638] Јовановски, Д. „Пред Коминтерната“ ... : 85; Τριανταφιλλδν, Μ. *Η Υλωσσα μασ στα σχολεια τες Μακεδονιασ*. Αθηαι, 1916: 8.

[1639] Зборови напишани на надгробниот споменик од Димитрија Чуповски за неговиот починат брат Наце Димов на надгробниот споменик на петербуршките Бољшеоктенски гробишта; *Сведоштва за македонскиот идентитет*..., 221.



Детаљ од Етнографската карта на атинскиот универзитетски професор Сотириадес (1916) на којашто го обработува населението во Егејска и Пиринска Македонија и на кои се прикажани и „Македонските Словени“ како посебен народ кој живее на овие простори.[1640]

1916/1917 год. Василиј Василевич Водовозов, Русија.[1644] „ЈАНЕ САНДАНСКИ; кратката телеграма за убиството, жртва на кое во април 1915 година стана близу до Неврокоп (во јужниот дел на бугарска Македонија), македонскиот револуционер Сандански, ниту со еден збор не кажа ниту за околностите при кои убиството е извршено ни за неговите автори...

Одвај може да дојде под сомневање, како фактот дека убиството е извршено од политички побуди, така и тоа, дека в гроб легна вонредно силна

[1640] Hellenism in the near east. An ethnological map compiled from the latest statisties by Professor George Soteraidis of the University of Athens, Greek Macedonia, Distribution of various Nationalities 1st. of January 1916, London

[1644] В. В. Водовозов бил руски новинар и публицист. Студирал на Историско-филолошкиот и на Правниот факултет во С. Петербург. Во една од руските енциклопедии стои дека бил „крупен деец на руската општествена мисла и журналистика“. Тој најмалку трипати го посетил Балканот, во 1894, 1909 и 1913 год. Неговиот интерес за Македонија особено дошол до израз од 1912 до 1916 година, од кое оставил голем број статии и дописки за Македонија и Македонците. Во неколкудневните дискусии 1915 година, организирани во С. Петербург од видни руски научници и општественици во кое зеле учество и најистакнатите претставници од Српската и Бугарската академија на науките, В. Водовозов истапил заедно со претставниците на Македонската петроградска колонија (Д. Чуповски и др.), бранејќи ја каузата за Македонија и македонскиот народ. (За последново види: „Труды Общества славянского научного единения. Сербо-болгарский спор за обладание Македониейска событий предшествоваших сербо-болгарской войне 1913 года, в изложении заинтересованных стран и членов общества“. Петроград, 1915).

и крупна фигура, можеби една од најблескавите фигури, кои во последниве две децении работеа на Балканскиот Полуостров.

Сандански е роден во 1873 година близу до Драма,[1645] т.е. во оној дел од Македонија, кој според Букурешкиот мир од 1913 година падна под власта на Грција. По своето национално потекло тој беше чист Словен, а неговиот мајчин јазик може да се смета за сосем близок, но одделен од бугарскиот јазик...

Во револуционерните чети на Балканскиот Полуостров влегуваа мошне разнородни луѓе. Во нив стапуваа и луѓе од идеи, кои се бореа за ослободувањето на својата таковина од тиранијата и кои се стремеа за социјални реформи; тука во четите, стапуваа и оние кои беа желни за слободен (волен) живот и на кои им беше тешко да опстанат под гнетот на полициските и социјални услови - луѓе кои бараа простор што ќе им овозможи да го изразат своето јунаштво; во четите влегуваа и такви за кои во рамките на легалните закони немаше место со што било да се занимаваат и кои, едноставно, претставуваа разбојници…

Сандански, без секакво сомневање, ѝ припаѓаше на првата категорија..., потем тој беше приврженик на идејата за создавање од Македонија самостојна држава или, во најлош случај, одделна автономна област. Тоа беше неговата програма.

Во секој случај, како цел, на преден план ја поставуваше аграрната, а политичката (реформа) свесно ѝ ја потчинуваше на аграрната реформа.

Јас повеќепати сум се среќавал со Сандански во различни моменти од неговиот живот. Малкумина луѓе на Балканскиот Полуостров ми оставиле таков силен, таков целосен и таков длабок впечаток како што ми остави, имено, овој борец на македонската независност...

Макар што му недостасуваше штогоде сериозно образование, тој беше човек со крупен ум, со превосходно познавање на Македонија и македонскиот народ, и со истенчено чувство да се ориентира во политичките прашања на секој даден момент. Сред македонското селанство Сандански уживаше огромна популарност...“[1646]

[1645] Јане Сандански бил роден во 1872 година во с. Влахи, во околината на Свети Врач, денес градот Сандански.

[1646] Пандевски, М. „Првата биографија на Јане Сандански од В.В. Водовозов“. *Историја*, 2, Скопје, 1970: 218-225; В. В. Водовозов, На Балканах. Сатьи. Путевые очерки. Петроградь, Яне Санданскѝй, 93 - 1010.

1917 год. Виктор И. Лебедев, Русија.[1647] „Таму имам пријатели. Прво, малиот Петро, потоа Борис, најпосле Ѓорѓи и прекрасната мала Ленка. Последниот пат кога дојдов децата се туркаа околу една табла, гледајќи нѐ со љубопитност Суркуф и мене.

Тие зборуваа еден неразбирлив јазик, се смееја и се собираа пред коњот. За да ги забавувам, јас му реков на Суркуф:

- *Дај ногу*!

Коњот ја дигна високо едната нога. Се кренаа извици на вчудоневиденост. Предизвиканиот ефект беше непредвиден, затоа што децата веданш почнаа да го вознемируваат мојот кутар Суркуф со наметливи и силни повици:

- *Дај ногу, дај ногу*...

Почнав многу да се чудам, кога одеднаш Петро му кажа на Суркуф, кој ја фрлаше својата нога во сите насоки:

- *Добар ден*!

Потоа, обраќајќи ми се мене:

- *Добар кон*!
- *Што си ти*? *Бугар*? - прашав јас.
- *Не*.
- *Србин*?
- *Не*.
- *Грк*?
- *Не*.
- *Па што си ти тогаш*?

Детето ги погледна своите другари, почна да се смее и одговори на грчки:

- *Јас сум* ***Македонец****, јас сум Грк*.
- *А тие*? - реков посочувјќи ги другите деца што нѐ опкружуваа.
- ***Тие се исто така Македонци*****.**

И тој додаде, смеејќи се:

- *Ѓорѓи, тој е Бугарин*.
- *Не, не* - викна Ѓорѓи - *јас сум* ***Македонец***!“[1648]
-

[1647] Руски доброволец во француската армија во Македонија.

[1648] Lebedev V., Souvenirs d’un volontaire Russe dans l’armèe frsnçaise 1914 - 1916. Paris, 1917: 136-137; *Сведоштва* ... : 221-222.

1917 год. Виктор И. Лебедев, Русија. „Таму има еден старец, многу многу стар, кој не зборува ни грчки, ни бугарски. Мојот другар го испрашуваше на турски, старецот оживе и одговори:

- *Ние не можеме ништо да продадеме, грчката Влада ни забрани*.
- *Но кои сте вие тогаш*? - јас сакав најпосле да дознаам од овој старец.
- ***Ние сме христијани, христијани Македонци***.
- *Тие се ѓаволи, демони* - додаде еден грчки војник. - *Ако Турците пристигнат денеска, тие ќе бидат Турци; утре Бугарите, тие ќе станат Бугри; Србите, тие ќе станат Срби; денеска тие се Грци. Но според мое мислење тие се само ѓаволи. Тие живеат тука од секогаш и зборуваат еден непознат јазик кој никој не го разбира, има српски зборови, и грчки, и бугарски, но тоа не е јазик! Тие се вистински демони*.
- *Добро, добро* - рече старецот смирувачки - ***ние сме Македонци христијани***...

Старецот се оддалечи. Ние заминавме исто така. Само уште на крајот на Африка очекуваме да сретнеме слични селца; во едно далечно време таму[1649] пристигнале и се населиле племиња кои оттогаш живеат на нивни начин, зборувајќи посебен јазик во средина на компактни маси на домородно население. Кога се дојдени тие таму? Можеби во времето на Рим, можеби дури и пред тоа. Истото е и тука.[1650] Силни бранови на човечки дожд во повеќе наврати ги поплавиле планините на Македонија; нивната меланхолија создала еден нов народ кој го живее сам својот мачен живот. Еден ден тој е Турчин, другиот ден Србин, Грк, Бугар... А ние пишуваме за нив томови на истржувања и проучувања. Гледаме како течат реки крв, како се разбеснуваат урагани на страдања. И секој тврди: Македонците се Грци, Македонците се Бугари, Македонците се Срби.

Сепак во виолетовите планини, покрј едан бела црква, еден старец ни одговара на турски:

- ***Ние сме Македонци христијани***.


Има ли тој право? Нема ли **Македонци муслимани**? Среќаваме други старци во Македонија кои на проколнатото прашање би одговориле можеби на бугарски или на српски, наведнувајќи ја со почитување главата:

- ***Ние сме Македонци, Македонци муслимни***...[1651]

[1649] Се мисли на Африка.

[1650] Се мисли на Македонија.

[1651] Lebedev, V. *Souvenirs d'un volontaire Russe dans l'armèe frsnçaise 1914 - 1916*, Paris, 1917: 140-141; *Сведоштва* ... : 233-223.



Димитар Благоев

1917 год. Димитар Благоев.[1652] Зборувајќи за историјата на македонскте Словени, меѓу останатото, се разменуваат и овие зборови меѓу Димитар Благоев и некои бугарски пратеници.

Д. Благоев: „Потчинети, но независни во својот внатрешен живот.“[1653]

Некој од левицата: „Не заборавајте ја историјата!“

Д. Благоев: „Која историја? Таа ли вие што ја фалсификувате? (смеа) Таква историја ние не признаваме. Ние гледаме како е во стварноста. Факт е, г.г. народни пратеници, дека имало голема борба меѓу бугарските и словенските племиња на Балканскиот Полуостров. И тој процес, за кој ни говори господин Саз’ков[1654] и којшто го поддржуваат и други, не е за обединување на бугарското племе, туку за завладување на словенските племиња на Балканскиот Полуостров што масовно се преселуваат во

[1652] Димитар Благоев, познат социјалдемократ во Бугарија и пошироко. Македонец, родум од с. Загоричани, Егејска Македонија. Во својата реч во бугарското Народно собрание на 10.11.1917 години, по повод дебатата за воениот буџет на Бугарија во својство на шеф на бугарските социјалисти, јавно ја одрече „ослободителната улога“ на Бугарија во Македонија и како Македонец побара Македонија да се самоопредели и да се конституира како самостојна држава. Во дебатата бил видно напаѓан и исмејуван од големобугарските политичари.

[1653] Тука зборува за македонските склавинии во VIII и IX век под власта на Византија.

[1654] Јанко Сак’зов - водач на бугарските широки социјалисти.

Византија, во и Мала Азија и, од друга страна, одат на југ кон Македонија, во која, имено, се запазува долго време **словенското племе**.

Г. Данаилов: „Ама вие сте родум од с. Загоричани?“[1655]

Д. Благоев: „Јас сум родум од Загоричани, меѓутоа, јас не сум Бугарин, јас сум **Словен** (смеа) и како таков, ако сакате да знаете, **јас сум за Македонија како словенска земја која ќе си има своја сопствена управа...“**

Д. Благоев: „Ако сте вие убедени дека во Добруџа се Бугари, дека во Моравско, дека во Македонија се Бугари, дека во Серес, Драма и Кавала се Бугари, зошто вие се плашите од таа формула на рускиот мир? Ако сте убедени дека се Бугари, нека се направи референдум и да видиме што ќе кажат. Зошто врескате? Значи несигурни сте, значи има нешто што ве тревожи, има некои области завладеани од вас кои ако се подложат на референдум...“[1656]

1917 год. Извештај на Второто биро од Француската армија, Франција. „Српската Влада делумно никогаш не ги намали своите апетити кон Балканот. Во октомври 1916 год. окружниот началник на Битола, Јовановиќ, разви во Лерин, на грчка територија..., една активност на загреан пропагандист... Српските учители им предаваат на своите ученици веронаука и бараат отворање српски училишта во Лерин... Корча и во Подградец.

Караџова

...Караџова е висока долина во Могленица... опкружена со високи планини, Кајмакчалан... и густо население (46 000 жители) се наоѓа среде Турци, а околу неа во подножјето на планините е опкружена со **Македонци** што Бугарите и Грците ги бараат за себе како свои, и со Куцовласи... Караџова е доделена на Грција со Букурешкиот договор - окупирана заради чисто воени причини од Втората српска армија.

Посрбување на Караџова

Од јули 1916 година грчките претседатели на градовите се сменети; личните податоци се изменувани според балканската мода... Откако во летото 1917 година Србите ставија рака на црквите, почнаа да служат на свој јазик, крштеваат и венчаваат според српски обичаи... Шефот на Штабот на Втората

[1655] Оваа реплика на Д. Благоев со Данаилов за неговото македонско потекло и за идентитетот на Македонците е изоставена при издавањето на неговите целокупни дела. Види: Благоев, Д. *Съчинения*, т. 17. София, 1962: 415.

[1656] *Документи за борбата*..., том 1: 590-591; Благоев, Д. „Социјалдемократијата против војнаа“ (Реч в Народното събрание от 10.12.1917). *Дневници (стенографски) на XVI - XVII-то обикновенно събрание: Четвърта редовна сесия*, кн. 1. София, 1930.

српска армија одбива да прими зајакнување на грчките жандарми... тајно ги охрабрува прекршителите да се декларираат како Срби. Од 1835 лица способни за војска, само 35 беа собрани. Овој крај и изложен на постојани малтретирања за кои грчката администрација не води грижа; самоволните затворања на луѓето претставуваат извори за збогатување... Има редовни силувања на девојки и жени... мачења и одземање имоти, кражби со употреба на оружје...

Досиејата на Бирото за безбедност се исполнети со жалби против српските офицери и војници, кои, покрај сè, остануваат неказнети. Без соменение, сите овие постапки не ги надминуваат вообичаените методи на балканската политика. Но тие ниту малку не придонесуваат во кревањето на авторитетот на Антантата во Македонија...“[1657]



Француска воена разгледница од Првата светска војна со мотив на македонско семејство со еден француски војник и натпис: „Македонско семејство - Кампања 1917“.

1917 год. Етјен Бурние, Франција. „Еден преведувач на армијата, црногорски граѓанин, ми ја даде неговата теорија за **македонскиот народ**. Тој се враќа на словенските преселби во IX век. Македонската земја остави врз овие населенија еден заеднички белег со локални варијанти. За да ги

[1657] ДАРСМ, Скопје, м-ф. М 2172, Извештај на II биро на Француската армија од 26.6.1917, Француски воен архив во Венсен.

придобие, на една европска сила би ѝ биле доволни дваесет години. Ослободени од Турците, кои ги држеа во покорност приграбувајќи ја добрата земја, тие сега бараат да бидат управувани од една богата заштитничка која ќе донесе пари.

Тој можеби има право. Во Долна Македонија, најмалку, кога прашуваш едно дете од улица: *Што си ти*? *Грк*? *Србин*? *Бугар*? - тој одговра гордо како Александар: ***Јас сум Македонец***.“[1660]

1917 год. Програма на Балканската Федеративна Демократска Република. „Сега, кога поголемиот дел од Балканскиот Полуостров е во урнатини, а остатоците од неговите народи се наоѓаат под тешко австрогерманско ропство, **ние, Македонците**, настрадани повеќе од кој и да е друг, ве покануваме сите вас, балкански народи, да ги заборавите минатите расправии, да се обедините и да се приклучите кон нашата општобалканска револуционерна програма за заедничка упорна борба и создавање Балканска Федеративна Демократска Република.“[1661]

1917 год. Филип Ѓајиќ.[1662] За националното самосознание на селаните од Воденско во неговиот извештај, меѓу останатото, запишал: „Селаните, а особено децата велат дека се **Македонци**, додека за време на турското владеење никој не се нарекувал со тоа име, ами Србин, Бугарин или Грк, како која пропаганда имала повеќе влијание. Верувам дека сега постои некоја тајна организација која ја шири идејата за некоја **македонска народност.**“[1663]

1917 год. Весник *Србобран*, Србија.

„Пратеникот во германскиот Рајстаг, г. Херман Вендел, во *Форвертс* напишал (2 јуни оваа год.) статија под наслов ’Околу Македонија‘ во која докажува дека населението на Македонија **не е ни бугарско, ниту српско**, туку југославенско...“[1664]

[1660] Burnet, E. *La Tour blanche: Armée d'Orient 1916 - 1917*. Paris, 1921: 80; *Сведоштва за македонскиот идентитет*..., 225.

[1661] „Балканская федеративная демократическая республика“. *Новая жизнъ*, 1, 52. 18.6.1917: 2; Ристовски, Б. *Појави и процеси*..., 197, 198.

[1662] Филип Гајиќ бил повереник на српската полиција во Воден. По посетата на неколку воденски села поднел извештај до Министерството на Кралството Србија.

[1663] Архив Србије, фонд - Министарство иностраних послова, Одељење - Служба безбедности, Полицијаска станица у Водену, док. бр. 966, 6.10.1917 год.

[1664] Ђорђевић, Т. Р. „Око Македоније“. *Србобран*, бр. 412. 31.8.1917: 2.

1917 год. Павел (Паул) Шиндлер, Германија.[1665] „И луѓето? Тие се жалните битија на ова сиромашно неплодно подрачје на жешкиот југ. Ако ги прашуваш за нивната националност, **тие секогаш ќе одговорат на ист начин дека не се ниту Срби, ниту Грци, а камоли Бугари - тие се Македонци**. Иако не знаат што ги разликува од другите. Значи дека се потомци на античкиот јуначки народ..., но оваа свест не се чува кај народот, ниту во легендите, ниту во историските преданија.“[1666]

1917 год. Ернест фон Хесе-Вертег, Германија.[1667] „Националната пропаганда на соседните држави во Македонија, поддржана од политиката, од религијата, од училиштето и од бакшишот - ја имаше намерата да ги влече **Македонците** на сопствената страна, значи од нив да прави Грци, Бугари, Срби итн.“

1917 год. Полковник А. Корф, Велика Британија.[1668] Британскиот полковник, често контактирал со Македонците во егејскиот дел на Македонија, и во разговорите со нив разбрал дека тие по националност се чувствувале Македонци и сакале посебна македонска држава. „Но навечер, во нивните куќи, кога службениците одат на спиење, ги поттикнувавме да разговараат со нас.

Потоа слушавме различни историски приказни за ’лошата администрација‘: *Тие сакаат да нè принудат да станеме Грци, по јазик, религија, сентимент, по секој начин. Служевме во грчката армија и се боревме за нив, сега нè навредуваат нарекувајќи нè ’Булгари‘*...

На моето прашање, што сакате: автономија на Македонија или Македонија под Бугарија? Одговорот генерално беше ист: **ние сме Македонци**, не сме Грци или Бугари...“[1669]

[1665] Паул Шиндлер бил ангажиран во германската војска за време на Првата светска војна на Македонскиот фронт. За неговите впечатоци од војната, но и за Македонија и Македонците објавил своја книга.

[1666] Ошлис, В. *Германедонија* ... : 31; „Hie Bulgrien, hier Serbien!“ *Deutsche Jugendbüchrrei Heim und Herd*, Bd. 16. Lahr in Baden, 1917: 101.

[1667] Ернест фон Хесе-Вертег (1826 - 1907), позант германски писател и патописец.

[1668] Полковникот Корф бил учесник во Првата светска војна на Македонскиот фронт, каде што има секојдневни контакти со Македонците во нивните родни места.

[1669] https://history-from-macedonia.blogspot/.../we- are- macedonians- not -greek -not- bulgar; Foreign Office document 0371/8566.



Германска разгледница од Првата светска војна со текст:
„Македонски селани во народна носија“.[1670]




Lieut.-Colonel A. C. CORFE, D.S.O.
Commanded the 11th Battalion, 1916, 1917, and 1918.
10th Battalion, 1918.

Полковникот А. Корф, којшто во неговиот воен дневник ги запишал сведоштвата за самосознанието на Македонците во населените места на Македонскиот фронт во Првата светска војна.


[1670] Bahnhov und Felbuchhandel - Gesellschaft m.b. H., Berlin S. 14, Gesetzl.gesh. Nr. 228, Macedonische Bauerntypen in Nationaltracht.

По 1918 год. Оливер Харвеј.[1673] „Славофонскиот народ во српска Македонија дефинитивно се смета за различен од српскиот народ. Ако ги прашате за нивната националност, тие ќе ви одговорат дека се **Македонци** и тие зборуваат **македонски дијалект**; ниту, пак, тие себе си се идентификуваат со Бугари.“[1674]




[1673] Оливер Харвеј од британскиот *Форин офис* бил испратен во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, каде што направил извештај, меѓу другото, и за народноста на Македонците.


[1674] Panova-Ignjatovik, T. „The british travel writhers on the macedonian cultural identity“. *Историја*, *Journal of history*, br. 2. 2018: 75; Cited in Andrew Rossos. „The British Foereign Office and Macedonian National Identity, 1918 - 1941“. *Slavic Rewiew*, vol. 53, 2, 1994, url> http://www. Maknews.com/html/articles/rossos/rossos.html#top.



Етничка карта на *Дејли телеграф*, Лондон, од 1918 година во којашто со посебна боја се претставени **„Македонските Словени“,** покрај Србите, Хрватите, Бугарите и другите народи од Источна Европа.[1675]



[1675] Gross, A. „Rases of Eastern Europe“. *The Daily Telegraph Map*, No. 25. London, 1918.



Етнографска карта издадена од *Ла сианс е ла ви*, Париз, 1918 год.,
на која, меѓу словенските народи посебно се издвоени Македонците.[1676]

1918 год. Едмонд Бушие де Бел, Франција.[1677] „Македонија ја населуваат три групи народности. Едната е оспоруваната народност - **'Македонските Словени'** или кратко речено **Македонци**, кои ја образуваат јатката на селското население. Потоа се јавуваат три други народности кои се стремат за господство над **Македонците**: Бугарите, Србите и Грците и три од спорот далечни народности: Власи, Турци и Евреи. Но ниедна од овие народности не населуваат одредена територија, туку се јавуваат овде-онде во земјата. По сите полиња на Македонија се среќава една народност од селани со словенски јазик и од источноправославна вероисповед. Нив Бугарите ги сметаат за свои

[1676] *Carte ethnographque de iEurope centrale et des états Balkaniques*. Paris, 1918; *La sinans e la vi*. Paris, 41, nov. 1018.

[1677] Едмонд Бушие де Бел, роден 1878 год, доктор по право, бил висок финансиски службеник во Париз, а во Првата светска војна бил дел од Главниот штаб на Француската источна армија. Како таков, престојувал подолго време во Македонија по течението на реката Црна, крај Островското Езеро, во градовите, Лерин, Битола, Прилеп и Скопје, каде што починал во 1918 година. За време на престојот напишал книга за Македонија и Македонците, којашто била објавена постхумно 1922 година и наградена од Француската академија на науките.

’по јазик и по срце‘, повикувајќи се дури со Велика Бугарија, создадена со Санстефанскиот договор и на името ’Бугари‘, под кое жртвите на Берлинскиот договор се бореа против турското ропство. Србите ги сметаат за ’Срби‘, бидејќи Душановата држава ја вклучувала некогаш и ’цела Македонија‘, од спомениците што го преживеале турското ропство и дека јазикот бил ’старосрпски‘ и затоа што и ’**Македонците** славеле слава‘. На крајот доаѓаат и Грците за кои немало решавачко значење потеклото ниту јазикот, туку само ’духот‘ и културата која била грчка, а како што за Французите, на пример, не можело да се каже дека не се латини така и за **Македонците** не можело да се рече дека не се ’Грци‘.

Очевидно е дека ’**македонските Словени‘** не се Грци. Но и покрај фактот што имаат некои сличности во наравите - верата и јазикот со Бугарите и Србите, тие се одликуваат и од едните и од другите. Прашајте еден селанец од Островската Околија или од Битолска како се чувствуваат - тој ќе ви одговори девет од десетпати: ’**Македонец‘**! **Затоа словенското население на Македонија треба да биде одделно како посебна народност, чиешто име би било ’македонски Словени‘ или скратено, Македонци**...“[1678]

1918 год. Стојан Протиќ, Србија.[1679] „Чест ми е да го известам господинот министер дека на 12 тек. месец во Женева било одржано едно собрание на **Македонците** на кое присуствувале 14-15 лица.

Иницијативата за ова собрание ја зел д-р Коцарев, родум од Охрид, приватен доцент на Женевскиот универзитет, кој од пред 10 месеци има наш паспорт, бидејќи не сакал да се одзве на поканата од бугарските власти, нити да го прими нивниот паспорт. Како свикувач на собранието д-р Коцарев им објаснил на присутните дека целта на нивниот состанок е да се договорат со цел да се организираат сите **Македонци** што живеат во Швајцарија и во странство и да создадат веднаш еден комитет кој би ја раководел нивната заедничка работа. Во почетокот на својот говор д-р Коцарев истакнал дека Македонија не може да ѝ припадне ниту на Србија ниту на Бугарија. Таа мора

[1678] *Документи за борбата*..., 595-596; De Belle, E. B. *La Macédoine et ies Macédonniens*. Paris, 1922, 80, IV: 303.

[1679] Стојан Протиќ бил истакнат српски општествен работник, политичар, дипломат и во 1918 година, во својство српски делегат во Женева, како и застапник на Министерскиот совет и на министерот за надворешни работи на Кралството Србија, на 7.9.1918 година испратил писмо до неговиот министер за акцијата на македонските емигранти во Швајцарија за самостојна Македонија.

да биде одделна независна држава, а **Македонците**, според веќе истакнатиот принцип на 'самоопределувањето на народите', имаат право да решат каква државна форма сакаат и дали сакаат со нив да бидат во заедница... Развивајќи ја теоријата за потребата од самостојна **Македонија**, д-р Коцарев укажал на лошите резултати, кои, според него, ги покажала Србија во време на своето управување..."[1680]

1918 год. Весник *Србобран*, Србија. Во една репортажа од Македонскиот фронт ги пренесува разговорите со двајца Македонци, кои, како бугарски војници биле заробени од српската војска: „При разделбата од Подградец дознав од генералот дека нашиот Охридски одред под команда на полковникот Павле Блажариќ со француско помошно одделение пред малку избил на елбасанскиот пат и ја пресекол отстапницата на Бугарите во Албанија меѓу Ќукус и Ќафисан.[1681] Исто така, во таа прилика дознав од генералот дека ведетата се вратила од Охрид и дека со неа се пренесени и заробеници, тројца Бугари и двајца Австријци. Се разбира, бев веднаш љубопитен и отидов кај нив.

Пред мене се појавија тројца млади бугарски војници. Еден беше од околината на Велес, вториот од Крушево, а третиот од Белограчик...

Кога ги запрашав дали им е познато дека Бугарите се победени на сите линии, ми одговорија скоро сите во еден глас: *И нека изгубат во Софија, тоа потполно и го заслужиле. Нас нè зедоа насилно во војска уште од неполни 17 години*. И навистина овие двајца од Македонија немаа повеќе од 18 години... Го запрашав: *Па добро, дали сте вие Бугари*? - ми одговорија: *Не сме, **ние сме Македонци***..."[1682]

1918 год. Чедомир Ѓуровиќ и Глигорије Х. Ташковиќ. „Ставот на Македонците кон Крфската декларација.[1683]

Од името на **Македонците (македонските Словени)** - како ние во границите на Србија така и на оние надвор од неа - ја даваме следнава декларација:

[1680] *Документи за борбата*..., том 1: 593-595; Архив Р Србије, Београд, Министарство унутрашњих дела. Избегличка влада, фонд Крф, Политичко одељење, пов. бр. 1009.

[1681] Ќафасан, блиску кај денешниот истоимен граничен премин со Р Албанија.

[1682] *Србобран*, бр. 476. 5.12.1918: 4.

[1683] Оваа декларација ја составил санитетски полковник д-р Чедо Ѓуровиќ со намера да ги вклучи и Македонците во Југословенскиот одбор.

1. Никој не оспорува дека **Македонците (македонските Словени)** се југословенско племе, а такво е и чувствувањето и мислењето на сите **Македонци** без разлика.
2. Како југословенско племе, ние сме солидарни со сите југословенски стремежи и ја примаме Крфската декларација од 1917 год. Сакаме и молиме да се дополни Крфската декларација со тоа да ја опфати цела Македонија и сите **Македонци**.
3. За тоа го прифаќаме единството на сите Југословени врз основа на демократско уредување на чело со Караѓорѓевата династија.
4. Според тоа, сакаме и ние **Македонците** да имаме свои претставници во Југословенскиот одбор, поради што му се примолуваме на Одборот да го прошири својот обем со примањето на претставници од **Македонците** надвор од границите на Србија, како што се влезени во Одборот и претставници на другите југословенски области што се надвор од границите на Србија.“[1684]

1918 год. Македонци од Швајцарија.

„АПЕЛ ЗА ЕДИНСТВО НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ШВАЈЦАРИЈА

Во моментот кога сите нации мислат да ги организираат основите на една федерација што води кон едно свето универзално единство, со уважувањето на националните разлики ние штотуку формиравме едно Македонско друштво[1685] за независноста на Македонија и нејзината преродба низ федеративна основа во согласност со Друштвото на народите...

Ние се обрнуваме до сите **Македонци**, без разлика на вера и раса, и ги колнеме да ги забораваат сите свои омрази, инспирирани однадвор, и личните расправии за да се здружиме и да создадеме цврста јатка за единство и независност на нашата земја.

[1684] *Документи за борбата*..., 593; *Грађа остварању југословенске државе*, том 1 (приредили: др. Драг. Јанковић и др. Б. Кризман). Београд, 1964: 238.

[1685] Станува збор за Генералниот совет на македонските друштва во Швајцарија со привремено седиште во Лозана, составено претежно од студенти и дипломирани Македонци на швајцарските универзитети. Негова цел е примената на принципите на претседателот на САД, Вудро Вилсон и на Силите на Антатнтата, т.е. да му се даде на македонското население право слободно да располага со својата судбината на целокупната етничка и географска територија на Македонија.

Македонија не им припаѓа ни на Бугарите, ни на Грците, ни на Србите, таа им припаѓа на Македонците. Македонија на Македонците!“[1686]



Разгледница со жена во битолска носија со натпис
на француски јазик: „**Македонка** во национална носија“.[1687]

1918 год. Извештај на бугарската армија, Бугарија. Во еден армиски документ е посведочено дека меѓу Македонците во редовите на бугарската армија во Тиквешијата била активна конспиративна „**Македонска партија** што имала цел Македонија да ја оддели од Бугарија и да се создаде **автономна македонска држава**...“

На чело од таа организација стоел Ангел Петров „како **Македонец**, единствен заштитник на населението од бугарските офицери и војници...“[1688]

[1686] *Документи за борбата*..., том 1: 603-604; ДА ДСИП, Париско посланство, 1918, фонд 1, дос. 38.

[1687] Petar Osmanlitch - Libraire, Monastir. Macédonienne en en costume national.

[1688] Миноски, М. *Македонија и Бугарија*... : 137-138; Постановление, No - 4/30 05.918, Рударски колиби, на капитан Губиделников, полеви военен следвател при 8-та бригада от Балканската

1918 год. Рудолф Арчибалд Рајс, Швајцарија.[1689]

„Реков дека вашите бугарофони порадо би ги нарекол **Македонци**, вие ги нарекувате тие луѓе бугарофони поради нивниот јазик којшто личи на бугарскиот. Но дали е тоа бугарски, дали е тоа истиот јазик што се зборува во Софија? Не. **Македонскиот** личи исто толку на српскиот колку и на бугарскиот. Не сум лингвист и нема да си дозволам сопствен суд, но незаинтересираните балканолози ми тврдеа дека **македонскиот** личи повеќе на српскиот отколку на бугарскиот. Можно е да има лингвисти што го тврдат спротивното. Но факт е дека **македонскиот** не се зборува ни во Софија ни во Белград. Тоа е посебен словенски јазик како што е тоа кај нас во Швајцарија романшкиот што се зборува во Гризо, покрај италијанскиот.

Според мене, **Македонецот** не може да се нарече ни Бугарин ни Србин, туку просто **Македонец**.“[1690]


1918 год. Р. Г. Д. Лафен.[1691] „Прашајте го некој од овие **Македонци** што е тој. Тој, се разбира, нема да му каже на еден војник од сојузниците дека е Бугарин ниту, најверојатно, нема да каже дека е Србин или Грк. Тој не знае кој може да го слушне или што може да дојде од таквата изјава доколку Бугарите се вратат. **Тој веројатно ќе се насмее и ќе каже дека е *македонски*,** кој е мудар одговор и еден што сè уште не е одобрен од професорите и новинарите што го проучувале прашањето...“

дивизия за вземане мерка спрема обвиняет Ангел Петров, бившия началник на Охраната в тила на 11-та армия, по следствено дело No-443/918, “Л. А., копие.

[1689] Рудолф Арчибалд Рајс (1876 - 1929) бил истакнат швајцарски правник и професор на Универзитетот во Лозана. Како експерт за меѓународно воено право, а подоцна и како доброволец во српската војска учествувал во Првата светска војна и на Македонскиот фронт.

[1690] *Документи за борбата*..., 595; Reiss, R. A. *Sur la situation des Macedoniens et des muslimans: dans les nouvelles provinces grecgues*. Paris, 1918: 6-7.

[1691] Автор на книгата *Чувари на портата*, историски предавања за Србите на Кралскиот колеџ во Кембриџ од 1918 год.



GUARDIANS
OF THE GATE

HISTORICAL LECTURES

ON THE SERBS

BY

R. G. D. LAFFAN, C.F.

FELLOW OF QUEENS' COLLEGE, CAMBRIDGE

WITH A FOREWORD

BY

VICE-ADMIRAL E. T. TROUBRIDGE
C.B., C.M.G.

146857
10/9/18

OXFORD
AT THE CLARENDON PRESS
1918

Digitized by Microsoft®

strange that the peasant is reluctant to say what is his nationality. Ask one of these Macedonians what he is. He will, of course, not tell a soldier of the Allies that he is a Bulgar. Nor will he be likely to say that he is Serbian or Greek. He does not know who may overhear him, or what might come of such a declaration, should the Bulgars come back. He will probably smile and say that he is *Makedonski*, which is a wise answer and one that has not yet been improved upon by the professors and journalists who have studied the question. The Macedonian child must have gone through a bewildering education in Serbian Macedonia. Starting perhaps with being educated as a Greek in a Patriarchist school, he then discovered, after the 'conversion' of his father and schoolmaster, that he was a Bulgar. Then came the Serbian army and annexed the country, whereupon our lad found that he was a Serb. Since 1915, no doubt, his village has changed its tune again and he is a Bulgar once more.

With these sudden changes, with all the uncertainty of life and property to which he was subjected by his Turkish masters and by the Bulgarian, Serbian, and Greek 'comitadji' bands before the recent wars, with the futile, lazy, and corrupt government of the Turkish days and its legacy of stagnation, the Macedonian peasant has never had a chance. The villages behind our lines are now enjoying such a peace as they have not known for years, though, of course, commerce on an ambitious scale is impossible with the railway monopolized by the armies and the sea threatened by submarines. We will not, therefore, dismiss Macedonia as hopeless. We will rather look upon it as a most unfortunate land, which it is a part of our mission to endow with peace and good government when the end of the war shall bring a new and reasonable arrangement of the Balkan States.

. . . . . .

Digitized by Microsoft®

strange that the peasant is reluctant to say what is his nationality. Ask one of these Macedonians what he is. He will, of course, not tell a soldier of the Allies that he is a Bulgar. Nor will he be likely to say that he is Serbian or Greek. He does not know who may overhear him, or what might come of such a declaration, should the Bulgars come back. He will probably smile and say that he is *Makedonski*, which is a wise answer and one that has not yet been improved

Книгата со предавања на Р.Г.Д. Пафен кои се одржани на Кралскиот колеџ во Кембриџ 1918 год.

IX ДЕЛ



„МАКЕДОНСКО ИМЕ НЕМА ДА ЗАГИНЕ...“

(1919 - 1944)

НАЦИОНАЛНО ВОЗДИГНУВАЊЕ ОД ПЕПЕЛТА

„Не може да се победи народот чијашто вистина победила“ - Јермилов

Во едно свое дело Хегел напишал: „Можеби нациите имале долга историја пред сосема на крајот да стигнат на нивното одредиште - а тоа е нивното оформување во држава“,[1692] дообјаснувајќи притоа, всушност, дека историјата на нацијата почнува дури кога таа се здобива со сопствена држава.“[1693] Денес, светските теоретичари се согласуваа дека „нацијата е политичка творба“ и дека нацијата иманентно е поврзана со државата.

Хобсбаум смета дека не смееме да го прифатиме митот како подлога за создавањето нации ниту, пак, националните групи се манифестирана судбина на етничките или културните групи. Хобсбаум ги ограничува културните групи кои можат „да се определат според оној критериум кој на некое друго место, всушност, дефинира некоја стварна и ефикасна нација“ и констатира дека „сепак повеќето од нив одат кон сопствената пропаст, кон тоа да го видат бавното исчезнување на својата култура (иако не и сопственото како индивидуи), претопувајќи се во поширокатa култура на некоја нова национална држава. Индустриската цивилизација ги довела повеќето култури до пеплиштето на историјата, без тие воопшто да се спротивстават.“[1694]

Македонскиот народ во 1919 година, кога по вторпат бил сведок на распарчувањето на неговата татковина како етнокултурна и економска целина, бил на работ од своето исчезнување, загазен во „пеплиштето на историјата“, на чекор од неговото целосно асимилирање во туѓи поблиски и подалечни култури на соседите. Хобсбаум во истата книга наведува примери на различните германски, италијански, руски јазични културни групи кои се претопиле во големите истоимени нации.

Многу фактори во Европа во дваесеттите и триесеттите години на XX век очекувале претопување или асимилирање на Македонците во другите соседни народи меѓу кои територијата на Македонија била поделена, а во рамките на тие поделби секоја самостојна македонска појава била жестоко уништувана од тие режими. Но во тој период не била само територијата поделена, туку длабоко биле поделени и Македонците меѓу себе. Некои се

[1692] Hegel, G. W. F. *Lectures on the Phisosophy of Word History: tr. H. B. Nisbet Cambridge*. 1975: 134.

[1693] Хобсбаум, Е. *Нациите и национализмот* по 1780 год. Култура. Скопје, 1993: 71.

[1694] Истото, 69-70.

приклониле кон Грците, некои кон Бугарите, а некои кон Србите. Започнала безпоштедна граѓанска војна меѓу тие македонски политички групации, најчесто раководени од тајните полиции на балканските држави и сите тие заедно против носителите на идејата за создавање посебна македонска држава и нација, заради што улиците низ повеќе балкански градови ќе бидат пролеани со македонска крв. Директно се атакувало врз идентитетското име „Македонци". Едногласни биле насловите на режимските весници во трите држави дека „Македонци не постојат", дека „македонското прашање е затворено", во нив меѓусебно се обвинуваат дека се креатори на непостоечкиот македонски народ. Но сето тоа укажува дека Македонците сè уште постоеле и се бореле и дека тоа прашање, всушност, никогаш не било затворено ни на домашен ни на меѓународен план. Всушност, дека постоеле живи организирани форми кои македонското прашање го држеле отворено и активно.

Сведоштвата за македонското живо тело објавувани од компетентни фактори од странство продолжиле и по Првата светска војна. Во 1919 година сестра Августина Бевике, католичка милосрдна сестра во Солун, по поделбата на Македонија во нејзиното писмо до британскиот дипломат ќе пише: „Грците нема да дозволат употреба на словенскиот јазик во црквите или училиштата, жителите во Македонија се во големо мнозинство Словени, **тие самите сега се викаат Македонци** и имаат желба, а и ние имаме пламена желба за нив за една автономија..."; истата година Шарл Нобис, лекар во француската армија од воениот терен на Македонија јавува: „Ако прашаме некој селанец за неговата националност, тој без колебање ви одговра дека е '**Македон**', '**Македонец'** ..."; истата година и активистот за човекови права од Швајцарија, Еманоел Дувилард, потврдува во својата книга дека распрашувајќи ги луѓето низ Македонија што се, тие се изјаснувале како „**Македонци"**.

Во почетокот на 20-тите години д-р Св. Стевановиќ, помошник-министер за просвета на Кралството СХС, кога бил во инспекција на битолската гимназија, одејќи кон неа, првиот кого го сретнал го прашал што е, му одоговорил дека е „**Македонец**", „**вториот, третиот, четвртиот, исто така."** Испитувајќи ги кои им биле родителите, видел дека се „Словени". Петтиот рекол дека е Србин. Кога го прашал што бил татко му, одговорил „Цинцар". Во зборникот од 1920 год. за походите и борбите на германската Виртенбершка планинска артилерија од Првата светска војна, го пишува и ова: „Понатаму за спомнување се жителите на Средна Македонија **кои себеси се викаат**

Македонци и не сакаат да бидат поврзани или изедначени со ниедно од другите словенски племиња.

Во 1921 година секретарот на КПЈ Сима Марковиќ во неговиот говор во собранието на Кралството СХС ќе каже: „Ниту тепањето со стап ниту претепувањата и убивањата, особено во **Македонија**, не го спречија **македонскиот народ** преку гласање да ги манифестира својата национална свест, индивидуалност и идентитет.

Италијанскиот генерал Енрико Телини во 1923 година при неговата работа за разграничувањето меѓу Грција и Албанија испратил извештај до италијанското министерство за националниот состав на селата во Мала Преспа, во кое, меѓу другото, стои: При карактеризирањето на овие села, намерно го користев општиот апелатив „македонски“, а не „бугарски“, бидејќи насекаде каде што жителите ги прашував за нивната националност сите тие еднакво одговараа со зборот **Македон** и кога ќе додадев Бугар?, тие пак одговараа **Македон.** А. Андријевиќ во 1923 година во Струмица како судија во разговорите со струмичаните, зборувајќи за нивната народност го забележува следниот разговор: „Вие сакате да сте поблиски кон Грците?“ „Е не, џанум, Грк је нешчо друго аз сам **Македонац**“ - побрза да ми одврати. И кога така кажува дека е **Македонец**, а тоа најпрвин и најчесто ќе го слушате, струмичанецот смета дека со тоа си угодил за себе и за вас; и не ве оддалечил од себе и останал во својата куќа, свесен дека зборот **Македонец** нема етнички да го однесе ни кон Србите ни кон Бугарите. Ете таква е денеска концепсијата на струмичанецот во неговата националност. Него со векови го спуштале и подигнувале морално различни нациии и го крштевале како на која ѝ требало, така што сега во својата нова држава тој создава самиот на себеси поим за својата народност и во ова време на силно племенско и верско групирање, тој сака да остане само во својот дом, во својата Македонија, и арогантно, многу арогантно ќе побрза да ви рече: „**Аз сам Македонац**“.

Тоа го потврдува и Коста Новаковиќ во неговата книга од 1924 година: „А што се Македонците - тоа самите ќе го кажат кога ќе можат слободно да зборуваат“.

Во 1926 година Родни Галоп, секретар на Британската амбасада во Белград, за неговите средби со Македонците напишал: „...**оние кои ги сретнав инсистираа да се нарекуваат самите ниту Срби, ниту Бугари, туку Македонци**...“

Во 1927 година британскиот дипломат Оливер Ц. Харви во својот извештај напишал: „Славофонското население во српска Македонија дефинитивно се смета за различно од Србите. Доколку ги прашате за нивната националност, **тие велат дека се Македонци и дека говорат македонски дијалект**“; истата година наставничката Јерина Марковиќ во едно битолско училиште пишува извештај до школскиот надзорник: „Кога стапив на должност во ова одделение започнав да се запознавам со децата и, на мое големо изненадување, од самите ученици го слушнав ова: ’Госпоѓа, ние не разбираме што зборувате, ние сакаме да ни зборувате на **македонски**‘. Повторно во 1927 година командантот на Третата армиска област известува за разговорот со студентот Глигорије Поповиќ од Прилеп во којшто Глигорије му го рекол следното: „Нас студентите од Македонија во Белград нè следат тајни агенти бидејќи не ни веруваат, меѓутоа, тие можат да прават што сакаат, ние останuваме само **Македонци**... Србите во Воената академија им прават на **Македонците** сè што можат само да ги приврзат за себе, меѓутоа, тие останuваат само **Македонци**, па макар Србите што да им прават или да не им прават“ итн.

Тука, до крајот на 20-тите години, запираме со примерите кои сосема доволно ја потврдуваат констатацијата на бугарскиот научник Васил К’нчов дека сите Македонци се изјаснувале како такви и дека така ги нарекувале и соседните народи. Од последната книга на К’нчов во 1911, па до крајот на 20-тите години, видовме дека постојат бројни цврсти докази за изградената народносна свест во сите слоеви на македонскиот народ, далеку пред какви било званични признанија или политички подршки од балканските и европските фактори.

Во следните сведоштва, прикажани во поднасловот „ИЗВОРИ ОД 1912 - 1918 ГОДИНА“ и „ИЗВОРИ ОД 1919 - 1941 ГОДИНА“ се прикажани и примери на македонски интелектуалци кои дејствувле во странство, но и на врвни странски интелектуалци кои застанале во одбрана на праведната македонска кауза. Такви се членовите на Македонскта петроградска колонија, здружението на македонските студенти во Швајцарија од сите делови на Македонија, поединечните објавени текстови на големите македонски дејци и интелектулци: Крсте Мисирков, Димитрија Чуповски, Наце Димов, Јане Сандански, Димитар Благоев, Димитар Влахов и др.

Оттаму и предупредувањата на Велика Биртанија до Атина, Софија и Белград дека: „...штом ќе се дозволи дури само претпоставка за постоење

македонска националност, постои опасност дека целата мировна спогодба ќе биде ставена под закана, со тоа што ќе се оспорат не само границите меѓу Југославија и Грција и меѓу Југославија и Албанија..."[1695] и дека: „...автономијата значи независност. Ако се создаде една независна Македонија преку Струма - во иднина таа ќе предизвика тешкотии за Грција, Бугарија и Србија."[1696]

Македонската емиграција од САД, Швајцарија, Русија, Бугарија, Канада, Аргентина, Австралија итн., организирана во македонски здруженија и асоцијации, преку своите официјални гласила ја ширела идејата за македонската национална афирмација. Далеку од татковината, секаде каде што Македонците можеле послободно да ја искажуваат својата национална посебност оставале неизбришливи траги за македонскиот непокор.

РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА ИДЕЈА И ТЕОРИСКИТЕ РАЗРАБОТКИ ЗА МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА

Историјата покажа дека подготвуваното сценарио за поделба, асимилација и згаснување на македонскиот народ и спречувањето за неговото реализирање во нација било предоцна, бидејќи веќе започнал процесот од кој немало враќање. Корените за создавање на македонската нација треба да ги бараме во Уставот и Правилникот на Македонското востание од 1878 година, во Уставот и Правилникот на Македонската револуционерна организација, кога била зацртана идејата за создавање автономна Македонија, во 90-тите години на XIX век, а експлицитно се искажани во прогласот на Вториот конгрес на Солунскиот револуционерен округ, одржан од 10-12 август 1905 година: „Идејата за автономија нема успех кај балканските државички... Сите балкански државички, меѓу нив и Бугарија, Внатрешната македонска организација ја сметаат како свој опасен непријател. Нашата независност побудува омраза како кај официјална така и кај неофицијална Бугарија... Организацијата треба да си постави две задачи: едната е да го подготви народот за револуцијата, со која ќе го собори тиранското владеење, а другата е, подготвувајќи го за револуција, да го подготви (и) за неговиот слободен живот. Едната и другата активност треба да одат паралелно и никогаш да не биде

[1695] Џинго, Т. *Велика Британија и Балканот (1919 - 1941)*. Арс студио. Скопје, 2016: 64.

[1696] *Историја на македонскиот народ*, том IV. ИНИ. Скопје, 2000: 125.

едната на штета на другата...[1697] **Организацијата треба да се погрижи и за националното самосознание на Македонецот.“**[1698]

Слични одлуки за националното прашање се поставени истата година и на конгресот на Скопскиот револуционерен округ. Рускиот дипломат Белјаев во својот извештај напишал за ставот на конгресот дека бил - Револуционерната организација треба да ја зачува потполната независност приврзана за девизата „Македонија на Македонците“,[1699] а рускиот воен претставник, полковникот Свирски, анализирајќи ја дејноста на МРО, известил дека Внатрешната револуционерна организација развивала и **национална дејност** и за десет години од нејзиното постоење несомнено го покренала **„самоосознавањето на македонските Словени“**... според нивниот роден јазик и обичаите“.[1700]

При долгиот и трновит пат од развојот на македонската национална мисла во периодот меѓу двете светски војни кај одредени македонски интелектуалци и револуционери започнува идејната разработка за создавање на македонската нација токму преку создавање посебна македонска држава. Во нивните објавени идејни разработки среќаваме изрази во кои се содржи зборот „национален“ како: македонска нација, македонска национална идеја, македонско национално движење, македонска национална култура, македонска национална историја, слободен национален живот, национални права, национален карактер, самостојна нација, национално единство, македонско национално самосознание итн. Но овојпат македонските интелектуалци и револуционери најчесто не се повикуваат на истите мотиви кои биле голема причина за создавање на големите политички нации на Западот, каде што главната мотивирачка сила се наоѓала во интересите на крупниот капитал и индустријализацијата, туку се повикуваат на историските, јазичните, културните и етничките традиции. Заедничко за сите теоретичари е македонската именската идентификација и создавање македонска национална држава.

Предусловите за создавање на македонската нација за тоа во 1924 година Мисирков ги наоѓа во постоењето долговековна национална култура и историја, за којашто јавно пишува: „Велам, за среќа, **има македонска**

[1697] Истото, 165.

[1698] *Програмски и статутарни* ... : 162-172.

[1699] Миноски, М. *Европските*..., 328.

[1700] Дракул, С. *Македонија меѓу автономијата*..., 4, 47.

национална култура и историја, зашто тој факт го наоружува македонскиот народ со непобедливо оружје во неговата борба за човечки права и за **слободен национален живот** како рамноправен член во бројот на културните народи.“[1701]

Кај македонскиот револуционер и интелектуалец Павел Шатев се чувствува и неговото изградено сфаќање за политичка нација, односно дека афирмацијата на македонската нација и државност ги штитат и нејзините економски и социјални интереси. Во 1926 година како член на ВМРО (об.) во една своја статија во весникот *Македонско дело* напишал: „Македонското движење, иако било подложено на низа туѓи влијанија, со големи и постојани проследувања е едно самостојно движење. Тоа живееe и има длабока смисла, има една определена цел, оди по одреден пат...

Македонското национално движење се изразува преку стремежите на Македонците во линија на неговите претставници и творци во продолжение на низа години да создаде една татковина, една **посебна македонска држава**...

Идеалите на Македонците се за создавање една татковина, една посебна држава, со македонска нација со своја историја и со свој самостоен и политички живот. Кон тој идеал се стреми македонската интелигенција, а со неа се народните маси кои ги сочинуваат, пред сè, македонските селани, занаетчии и работници.“[1702]

Органот на ВМРО (об.) - *Македонско дело*, лозунгот за борбата за создавање македонска држава и слобода на македонската нација го разгледува перманентно. Така, во 1926 година во него беше објавена статијата „Што бараат Македонците“ во која, покрај другото, се истакнува дека „**македонскиот народ** за да ги заштити своите економски и социјални интереси бара да се појави со **своја национална свест**, издигајќи ја паролата за **своја национална самобитност“** и бара „федеративно уредување на Југославија и признавање на **национални права на македонскиот народ како одделен народ.“**[1703]

[1701] Мисирковъ, К. „Македонска култура“. *Мир*ъ, XXX, 7155. София, 19.4.1924: 1.

[1702] Шатев, П. „Македонското националноослободително движение“. *Македонско дело*, бр. 11, 1926; Картов, В. *Македонскиот народ и правото на самоопределување (1912 - 1941)*. Култура. Скопје, 1987: 251-252.

[1703] Македонско дело, бр. 48, VIII, 1926, 25.

Васил Иванов Бистришки во 1934 год. во неговата статија „Зошто ние Македонците сме одделна нација“, попродлабочено ги наведува причините за тоа: „Во Македонија постојат елементи на една самостојна **македонска нација** со своја територија и економска целина, со свој јазик и **општ национален карактер**, и со своја **македонска историја**.“[1704] Во 1935 год. Обласниот комитет на ВМРО (об.) под бугарска власт во својата декларација истакнува дека македонскиот народ ги има на лице сите својства на самостојна нација: „**Македонскиот народ** има свое минато, сегашност и иднина, не како закрпа кон империјалистичка Бугарија, Грција и Србија, туку како самостоен словенски елемент кој ги има на лице сите својства на **самостојна нација**, која со десетлетија веќе се бори за извојување на своето право на самоопределување, дури до одделување во самостојна политичка државна единица од империјалистичките држави што ја потиснуваат...“[1705] Во втората половина на 30-тите години од XX век важна улога одиграа весниците кои ги издаваше македонската емиграција во Бугарија, *Македонско знаме*, потоа *Македонски вести*, органот на ВМРО (об.) со македонската теза: **„Долу фалшливиот лозунг ’македонски Бугари!‘ Да живее нашата етнографска идеја.“**

ВМРО (об.) како водечка и обединувачка сила на Македонците во сите поробени делови на Македонија во 1934 година го објавува единствениот пат до националната слобода: „ВМРО (об.) ќе води борба против поробувачите на македонскиот народ и против сите форми на неговото културно, социјално и економско угнетување, а за **национално ослободување и обединување на сите делови на Македонија.** Треба во суштината да се разобличи правата смисла на сите мудрувања, чија цел е да се оспорува правото на Македонците на своја нација и да се спречи продирањето на тие мудрувања во нејзините редови.“[1706]

Во 1936 година Македонскиот народен сојуз, македонско здружение на Македонците во Северна Америка, испратило своја делегација во Бугарија каде што имала срдечна средба со Македонците во оваа држава. Претседателот на МНС, војводата Смиле Војданов, изјавил дека Македонците се организираат врз „**национална основа**“, затоа што: „**Ние веруваме во**

[1704] Бистришки, „Защо сме ние Македонците отделна нација?“. *Мак. Нар. Съюз в Америка*. 1934: 42-55.

[1705] *Документи за борбата...*, том 2: 220; *Македонско дело*, X/195, февруари 1935, 8.

[1706] *Македонско дело*, бр. 181, 1934 год.

обединувањето, зашто веруваме во еволуцијата на Македонците кон чистата македонска национална идеја.“[1707]

На 4, 5 и 6 јули 1936 година Македонскиот народен сојуз на Шестиот конгрес одржан во Детроит во својот главен реферат под наслов „**Македонскиот народ е одделна нација**“ уште со својот наслов го најавува последниот исчекор за афирмација на македонскиот народ во македонска нација преку ослободувањето од асимилаторските политики на балканските држави и формирање посебна македонска држава. Во рефератот се содржани идеите кои ја отсликуваат развиената свест за македонската национална посебност. Меѓу другото, во него се истакнува: „За да ги разобличиме маневрите на поробителите и да покажеме дека тие немаат никакво право над Македонија, за да ја спречиме нивната асимилаторска политика и за да водиме доследна борба за извојување на првото за самоопределување на **македонскиот народ** до неговото одделување од бугарската, српската и грчката империјалистичка држава и обединување во самостојна независна република на трудбениците на македонскиот народ, ние **Македонците** треба високо да изјавиме дека не сме ниту Срби, ниту Грци, ниту, пак, Бугари, туку сме одделна **македонска нација** што се бори за своето национално ослободување и одделување во својата **македонска држава**. Но не само од политички причини треба да го направиме тоа. Ако **македонската нација** не би постоела, не би можеле ни да зборуваме за таква. Меѓутоа, таа е налице и нејзиното постоење треба да им се покаже на сите, зашто тоа до голема степен ќе ја олесни нашата националноослободителна борба.

Проучувањата на ова прашање направени од последните години ни даваат право и основа да тврдиме дека во Македонија се налице сите елементи за една самостојна нација со своја територија и економска целост, со свој јазик и општ национален карактер и со своја **македонска историја**...

Изнесеново овде, меѓутоа, е доста за да го натера секој **Македонец** да ја почуствува својата национална свест и со нова ера и со нова непоколебливост да се фрли во борбата за ослободување на Македонија. Оваа борба е света и таа ќе се овенча со успех, доста е сите искрени **Македонци** да се проникнат со свеста дека тие треба да ја водат под знамето на единствениот националноослободителен фронт...“[1708]

[1707] *Македонски вести*, София II, 55, 27, 1, 1936: 1 и 3.

[1708] *Трудова Македония*, III, 1, 15, III, 1936, 1-5; 30. III, 1936, 4-5; 3, 15.8.1936, 4-5, 7; 4, 30.8.1936: 4-5, 7.

На оваа група македонски идеолози кои ја проучувале и разработувале македонската национална идеја припаѓаат и Димитар Влахов, Коста Веселинов, Ангел Динев и др.

Димитар Валхов во една негова опширна статија од 1936 год.[1709] за погубната политика на балканските држави врз македонскиот народ, од негирање до геноцид, националната свест на Македонците ја третира како завршен процес во кој недостига елементот на државност за кој Македонците вложувале огромни жртви. Така, во овој текст, меѓу другото, Влахов јасно ја апострофира македонската нација рамноправна на сите други на Балканот: „**Македонците се посебен народ, тие се посебна нација на Балканот** која живее меѓу другите балкански нации и до пред извесно време под исти економски услови. Тие претставуваат нација која има свој јазик, свои обичаи и навики, свои културни и интелектуални интереси, свој посебен македонски менталитет.“ Според Д. Влахов, **Македонската револуционерна организација** е предводник на македонските маси во нивната борба за човекови права и **национално ослободување**.

Во оваа статија на француски јазик тој јасно ја посочува непријателската политика на трите балкански држави против создавањето на македонската нација како последен процес до конечната државна, национална и именска афирмација: „Во Македонија под доминација на Југославија на **Македонците им се негира правото да бидат посебна нација**: не им се дозволува да зборуваат на својот јазик, да имаат свои училишта, да имаат свои културни институции, свои весници, свои книги. Дури не им се дозволува да ги користат своите имиња: имињата се изменети, посрбени... **Сите училишта и културни институции на македонскиот народ, сите негови национални и културни остварувања стекнати со истрајна и непрекината борба во текот на еден век беа уништени...** Положбата на **македонскиот народ** под грчко ропство скоро во ништо не се разликува од онаа под власта на белградските господари. И тука се применуваат истиот систем на угнетување, истите методи. **Македонското население** не ужива никакви политички и граѓански слободи, никакви национални и културни права ... Што

[1709] Брошурата е откриена од проф. д-р Ленина Жила во Рускиот државен архив за социјално-политичка историја: Российский государственныйй архив социально-политической истории - РГАСПИ, Ф. 539, Оп.5, Д. 85, Л. 23-57 (документот е на француски јазик преведен и лекториран од Нада Костова).

се однесува на **Македонците**, бугарската 'културна' пропаганда веќе десетици години вложува семожни напори за да изгради таму бугарски менталитет. Бугарската држава ги смета **Македонците** за Бугари и не го признава постоењето на **македонската нација**. Впрочем, познато е дека **Македонците** од **македонскиот крај** на Бугарија и **македонските бегалци** и емигранти во Бугарија се сосема исти како **Македонците** од Југославија и од Грција... Политиката на бугарската држава кон **Македонците** што живеат на нејзината територија, во областа на Петрич и во Бугарија воопшто, не се разликува од онаа што ја водат грчките и српските окупатори спрема **Македонците** што живеат на нивните територии."

На крајот од статијата Димитар Влахов ја најавува македонската државност како единствен предуслов за мир на Балканот: „Во ниту еден момент не треба да се заборави дека мирот на Балканот е без какво било сомневање сврзан со укинувањето на тиранскиот режим на нашата земја. Укинувањето на тој режим, **создавањето слободна и независна Македонија,** ќе уништи едно од главните жаришта за војна во Европа..."[1710]

Коста Веселинов е еден од оние македонски национални теоретичари, ако не и најистакнатиот од нив кој детално се занимава со проучувањето на нацијата како општествен феномен[1711] и во тој контекст ја разработува научно-социјалната теза за македонската преродба во 30-тите години на XX век, една деценија пред конечната афирмација на македонската држава нација и национално име.[1712]

Теориската подлога за името „Македонци" како национално за македонските интелектуалци до 1944 година ја заокружува Ангел Динев во неговото дело подготвувано порано, а издадено 1944 година *Етнографската идеја на македонските Славјани* во коешто заклучува: „**Македонското национално сознание** почна да си го пробива патот. **Македонската национална идеја** се наложи."[1713]

Во вардарскиот дел на Македонија дејците на ВМРО (об.) и сите други прогресивни групи, како што се МОРО, ВАРДАР, МАНАПО и др.[1714] се обединуваат во редовите на Комунистичкта партија која полека, но сигурно

[1710] Истото.

[1711] Веселиновъ, К. *Национално-поробени народи и национални малцинства*. София, 1938.

[1712] Веселиновъ, К. *Възраждането на Македония*. София, 1939.

[1713] Диневъ, А. *Етнографската идея на Македонските Славяни*. София, 1940: 23.

[1714] Истото, 344-350.

прераснува во авангардата на новата националноослободителна револуција, која наскоро ќе се оствари за време на Втората светска војна. Списанијата издавани како нелегален печат на КПЈ за Македонија *Искра* и *Билтен*, во годините пред војната ја најавуваат решителната борба за создавање македонската држава и раѓањето на македонската нација со неа: „Славниот спомен на Илинденското востание, на Крушевската Република на Никола Карев ќе се развие над Македонија!“[1715] „Зашто никакви историчeски права Македонците никому не признаваат и нема да признајат... Најголеми историчeски права имат над Македонија самите Македонци. Македонските Славјани многу пати имале своја држава. Во времето на цар Самуила во X и XI век таја држава била најсилна. Тој се борил и против српското, бугарското и грцкото владичество во Македонија... Македонците не сакат да бидат под српско робство и чекат момент да се ослободат.“[1716]

СТРАТЕГИИТЕ ЗА МЕЃУНАРОДНА ПОДДРШКА ЗА СОЗДАВАЊЕ МАКЕДОНСКА ДРЖАВА И ПРАВЦИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ИДЕАЛИТЕ ЗА МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА

Пред Првата светска војна, единствено членовите на македонското литературно друштво од Петроград, развивале стратегија и интензивно работеле на неа за признавање на Македонската нација и државност од страна на Руското царство. Оваа интензивна активност на МЛД во рамките на Руското општество не дала конкретни резултати. По завршетокот на Првата светска војна Македонските интелектуалци и револуционери, задоени со идеологиите и политиките на своето време од почетокот на XX век, покрај горенаведените предуслови како основа, го истакнуваат нивното природно право за национална слобода и самоопределување прокламирана со Повелбата на народите од 1919 год. на американскиот претседател Вудро Вилсон, а подоцна и заложбата на Коминтерната за правата за самоопределување на народите, спореведена уште со Резолуцијата за народите 1924 година во Советскиот Сојуз.

Сепак, како најголема мотивирачка сила на народот да се воздигне над пепелта е свеста меѓу широките маси дека Македонците имаат своја посебност, своја татковина и свое име и за тоа сè уште се свежи сеќавањата на големите жртви кои во востанијата од 1878 и 1903 година, предводниците на

[1715] *Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни*, II, 2: 104.
[1716] Истото, 123; Ристовски, Б. *Пројави и процеси*..., 347-348.

тие загинати синови на народот, прераснуваат во симболи на македонскиот непокор. Нивните имиња ги обележуваат македонските здруженија низ целиот свет, револуционерните групи и нивните гласила, а во Втората светска војна истите имиња се имиња на партизанските одреди.

Македонските водачи во овој период се откажаа од борба за самостојност без изнаоѓање релевантни сојузници кои конкретно би помогнале во афирмација и слободата на македонскиот народ, што, за жал, не било практика во претходните периоди, освен на поединечни обиди. Ваквиот став на македонските мислители и револуционери било поткрепено и со примерите на соседните народи, кои без поддршка на клучните меѓународни фактори не можеле да ги остварат своите државни и национални цели.

Меѓу првите обиди по Првата светска војна за изнаоѓање силна поддршка на влијателните европски сили прави ВМРО преку интензивни контакти на нејзини пратеници со Велика Британија. Наместо тоа, Велика Британија во лицето на ВМРО видела голем непријател во спроведувањето на новите меѓудржавни граници одредени на Версајската мировна конференција. Впрочем, Велика Британија била најголем поддржувач на Грција, додека нејзиниот голем сојузник Франција била најголем заштитник на Кралството СХС. Всушност, улогата која на Балканот до Првата светска војна ја имаа Русија и Австро-Унгарија, ја презедоа Велика Британија и Франција, кои, поведувајќи се од нивните себични интереси, повторно Македонците ја добиле улогата на жртва. Токму затоа, наместо разбирање и поддршка, британската дипломатија ги презела сите можни чекори за згаснувањето на ВМРО.[1717] Елиминирањето на Организацијата во 1934 година било прифатено со големо олеснување во Велика Британија, но на големо запрепастување кај британските дипломати на Балканот и во Форин офисот, новите извештаи на нивните дипломатски тела од Балканот известуваат за развојот на левата струја на ВМРО со Комунистичката партија, кои станале уште поопасни за британските интереси. Чарлс Виктор Бентинк, новиот британски дипломатски претставник на 26.9.1935 година го известува британски секретар за надворешни работи: „По државниот удар минатата година, имено, македонските комунисти станаа многу поактивни, особено во Софија и во бугарска Македонија. Кажано ми е дека нивната намера да се спојат трите дела на Македонија што им припашаат на Грција, Србија и на Бугарија и да бидат обединети во советска република... Во исто време комунистичките

[1717] Џинго, Т. *Велика Британија* ... :32-36, 67.

партии во Бугарија, Кралството Југославија и во Грција имаат добиено наредба од Москва да ги поддржат македонските комунисти.[1718]

Соработката на ВМРО со Италија била многу поконкретна. Италија, поведувајќи се од своите интереси, ја поддржувала борбата на ВМРО за автономија на Македонија, со што се ослабувале позициите на Кралството СХС. За тие потреби Италија на ВМРО му понудила конкретна финансиска и материјална помош и логистика, но не и до таа мера да се изврши радикална промена и да се загрози опстојувањето на југословенската власт во Македонија.[1719]

Најпрвин, во 1919 година, а потоа и во почетокот на 20-тите години од XX век, стратегијата за изнаоѓање сериозен сојузник на македонската кауза ја започнал Генералниот совет на македонските друштва во Швајцарија, којшто во лицето на САД видело сериозен фактор кој искрено би ја застапувал и бил спремен да помогне во создавањето независна македонска држава. Иако Генералниот совет директно се обратил до Мировната конференција, властите на Велика Британија, Франција, Бугарија и нивните барања биле објавени во лондонски *Тајмс*, *Вашингтон пост* и низа други угледни весници, најголемите надежи биле свртени кон претседателот на САД, Вудро Вилсон, творецот на Повелбата на народите и американските власти. Претставниците на САД на Мировната конференција во Париз сериозно ќе се зафатат да ги претстават таквите интереси на македонскиот народ. Сепак, влијанието на САД сè уште не било толку влијателно да ја спроведе идејата за формирање посебна македонска држава.

Во дваесеттите и особено во триесеттите години на XX век лево ориентираните револуционерни сили на ВМРО добиле поддршка и од некои крила од десничарите во Организацијата, коишто од оваа соработка очекувале „ослободување и обединување на Македонија во нејзините географски граници во една политичка целина во која сите народности ќе имаат еднакви политички и граѓански права и ќе се радуваат на една иста духовна културна слобода.“[1720] Но левите струи на ВМРО шансата за создавање на македонската држава и нација ја гледале првенствено во поддршката на Советскиот Сојуз,

[1718] Истото, 80-81; Rossos, A. „The British Foreign Office and Macedonian National Identity, 1918 - 1941“. *Slavic Review*, 53, 2. Summer, 1994: 391.

[1719] Тодоровски, З. *Автономистичката ВМРО на Тодор Александров 1919 - 1924*. Макавеј. Скопје, 2013: 84-90.

[1720] Истото, 207-219.

Коминтерната и комунистичките партии во Европа, но и на Балканот. ВМРО (об.) преку нејзиниот весник *Македонско дело* јасно ги искажала мотивите зошто бараат поддршка од овие фактори. Најмногу затоа што единствено во рамките на Советскиот Сојуз дошло до револуционерно разрешување на националното прашање во оваа земја на многуте народи кои живееле во нејзините рамки. Тоа било голема гаранција за ВМРО (об.) дека и македонскиот народ низ сопствена револуција и поддршка на овие фактори ќе ја оствари својата конечна цел. Извештајот на британски разузнувачи од 1939 год. потврдува дека Македонците не ги врзува идеологијата за СССР, Италија или Германија, туку нивната поддршка за автономија, па во тој извештај, меѓу другото, пишува: „симпатиите кон комунистичкото движење и масовноста на **Македонците** во многу мала мера имале идеолошка основа. Автономијата, а не идеологијата била главниот врзувачки фактор кој ги привлекувал кон некоја од Големите Сили, без разлика дали тоа била Италија, Германија или СССР. Понекогаш економската состојба и непостоењето политичка партија која би понудила прогрес во социјалната сфера придонесувала за масовност во поддршката на комунистичката идеологија, особено кај студентите.“ [1721]

Оваа британска анализа ја отсликува големата заложба на македонските интелектуалци и револуционери во периодот меѓу двете светски војни за стекнување поддршка од релевантни светски фактори, без оглед дали се тоа влијателни држави или меѓународни организации. Средствата да се придобие некој сојузник за остварување на македонската кауза не зависеле од идеологијата, токму како што тоа било напишано во овој британски извештај.

Токму во тој период најпогодни поддржувачи на Македонците можеле да бидат САД, од една страна, и Коминтерната, од друга страна. Првите, кои прокламирале афирмација и права на народите и, вторите, кои го прокламирале правото на народите за самоопределување и осамостојување. Најважно од сè за Македонците во врска со САД и со Советскиот Сојуз бил фактот што тие немале никаков проблем со признавањето на македонскта посебност. САД како една растечка сила која полека го преземала светското кормило и која правото на народите го прокламирала како природно право биле навистина реална опција. Коминтерната како интернационална организација која ги обединувала комунистичките партии, но и лево

[1721] Џинго, Т. *Велика Британија* ... : 81.

ориентираните сили на Европа и светот, својата најголема поткрепа ја црпела во Советскиот Сојуз. Паралелно со тоа, ставот на Советскиот Сојуз во однос на македонското револуционерно движење бил дијаметрално спротивен со оној на царска Русија од крајот на XIX и почетокот на XX век. Така, ако Руското Царство не планирало никакво формирање македонска држава, Советскиот Сојуз сметал дека версајскиот систем на држави на теренот од Балканот треба да се растури и на негово место да се создаде сојуз на балкански држави во кој свое место би имала и Македонија како посебна политичко-економска целина заради долгорочно решение за мир на овој простор. СССР и Коминтерната ја респектирале ВМРО како силен и релевантен фактор на Балканот, кој својата реална моќ ја црпела токму од големата поддршка на Македонците.[1722] Борбата за национална афирмација и слобода повторно се издигнала од пепелта во сите делови на Македонија, без оглед на нејзината поделена територија.

Десната струја на ВМРО којашто од доаѓањето на Ванчо Михајлов на нејзино чело националното прашање го градеше врз бугарска основа, макар за кратко време, во 1932 година покажала значаен прсврт во практикувањето на „македонштината“ во Пиринска Македонија. Во овој дел на Бугарија, каде што доминирало македонското население, уште во втората половина на 20-тите години била воспоставена контрола на целокупниот живот на населението од страна на ВМРО (михајловистичка). Контролата на ВМРО на состојбите во овој регион познат како „држава во држава“ била до таа мера што сосема ги исклучила надлежностите на бугарската држава. На 12 февруари 1933 година десната струја на ВМРО донела „Декларација“ на македонскиот собор во Горна Џумаја, кога Македонскиот национален комитет се изјаснил за одделена држава Македонија.[1723] Истата година во дворот на Читалиштето во Горна Џумаја бил подигнат „Споменик на македонскиот незнаен четник“ и наместо бугарската химна бил исполнет Маршот на македонскиот четник „Изгреј зора на слободата“.[1724] Според тогашните написи, Михајлов започнал да манифестира сепаратистички тенденции, „непочитување на законската

[1722] Поповски, В. „Советскиот Сојуз, ВМРО и македонското прашање меѓу двете светски војни“. *Гласник*, 53, 1-2. ИНИ. Скопје, 2009: 7-21.

[1723] Михайловъ, Д. „Историческият съборъ“. *Родина*, VII, 4 и 5. София, 1933: 2.

[1724] „Въ паметъ на незнайния македонски четникъ“. *Македоня*, VII, 1811. София, 3.11.1932; Днесъ се открива паметника на македонския четник, Всенародно тържество въ Горна Джумая, Македония прославя дѣлата и отдава заслужаена почь на борцитѣ за свобода правда, Македония, VII, 2034, 3.8.1933: 1-3.

бугарска власт во новоослободените земји“ и со тоа „сè повеќе се засилува и станува опасен за суверенитетот на државата.“[1725]

Според Бугарската Офицерска лига која објавила брошура за положбата во Петричкиот Округ,[1726] состојбите во него биле надвор од контрола на бугарските институции. Така, целата административна и полициска власт во Петричко била „наполно под влијание на михајловистите; на сите раководни места се поставувале само Македонци, па дури и во воените единици на бугарската армија; целиот живот го контролирале орудијата на оваа организација што си имала и своја тајна полиција и разни органи во функција на некакви ’министерства‘, не се допуштале никакви партии освен ’македонската‘ (но не и Обединетата!), па дури ни организацијата на бугарските резервни офицери, додека гимнастичките друштва ’Јунак‘ биле ставени под раководство на ’македонски дејци‘‘ и биле објавени како ’независни од општиот бугарски сојуз‘, а, пак, организацијата на бугарските скаути и Туристичкиот сојуз биле и воопшто забранети во овој крај“.[1727] Дури ВМРО собирала и даноци и други давачки кои на годишно ниво изнесувале и по 15 000 000 лева. Во написот се предупредува и даваат сведоштва за создавањето ’Македонска војска‘ и други институции кои укажуваат на државотворноста на ВМРО.

Но посебно индикативни биле податоците кои Офицерската лига ги објавила за состојбите во просветата. Вработувањата на училишните кадри во Петричкиот Крај биле сосема под контрола на михајловистите и крајната цел им била да „се даде на народот и на младината специјално воспитание, да им се наложи идејата дека македонскиот народ е нешто наполно одделно од бугарскиот.“ Токму за таа цел во училиштата бил воведен и посебен предмет **Македонска историја** што содржел „материја специјално за Македонското Царство уште од времето на Филипа Македонски.“ На часовите се водела настава наместо на бугарски на македонскиот дијалект од Пиринска Македонија. По училниците биле закачени само ликовите на македонските просветители, а еден бугарски офицер сведочел дека „деецот Бунев ги ’инспектирал‘ училиштата и никаде не пропуштил да им каже на децата дека

[1725] Михайловъ, Д. *Историческият*..., 2; Ристовски, Б. *Појави и процеси*..., 327-329.

[1726] „Положението въ Петричкия Окржгъ“. *Македонска правда*, 1, 17. София, 31.12.1933; Ристовски, Б. *Појави и процеси*..., 328-329.

[1727] Ристовски, Б. *Појави и процеси*..., 328-329.

ова е последната година што учат на бугарски јазик. 'Догодина ќе учиме на нашински' - им велел Бунев."[1728]

Ваквиот пресврт на михајловистичката ВМРО кон афирмирањето на македонската државност, која со себе ја поврзува и националната посебност на Македонците по 1932 година, несомнено бил силна причина за нејзиното укинување од страна на бугарските власти во 1934 година, и тоа со пучот на „звенарите" на 19 мај. Само така е разбирлив непријателскиот однос на бугарските окупациски власти во вардарскиот дел на Македонија во 1941 година кон сите членови на ВМРО михајловистичка, нивното проследување од тајната полиција, нивните апсења и слични методи кои биле употребувани кон нив.[1729]

Кон крајот на 30-тите и почетокот на 40-тите години од XX век кај припадниците на ВМРО (об.) и македонските комунисти се искристализирала идејата дека вистинскиот сојузник на македонскиот народ во неговата борба за национална слобода ја има во лицето на Комунистичката партија на Југославија. Токму низ таа заедничка борба, особено во Народноослободителната и антифашистичка борба, Македонците успеале да стекнат рамноправен статус со другите југословенски народи уште во 1943 година, односно на Второто заседание на АВНОЈ. Во август 1944 година било свикано Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ) како прво легитимно собрание на македонскиот народ, но и на припадниците од другите народности кои живееле на просторот од Вардарска Македонија.

Во усвоениот Манифест на АСНОМ биле верификувани заложбите на сите генерации Македонци за конечна национална слобода на македонскиот народ, но и сите други кои живеат во Македонија: „Тргајќи од животните интереси на **македонскиот народ**, од неговите заеднички борби со другите народи во Југославија против големо-српската хегемонија и од скапите жертви дадени против заедничкиот фашиски окупатор, првото македонско Народно собрание изјавува во твое име **МАКЕДОНСКИОТ НАРОД** ВЛЕГУВА КАКО **НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДЕН** И РАМНОПРАВЕН ЧЛЕН ВО НОВА, ДЕМОКРАТСКА И ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА, на принципите установени на II заседание на

[1728] Истото; станува збор за високиот функционер на ВМРО, Борис Бунев од Тетово, брат на познатата атентаторка Мара Бунева.

[1729] Архив војног института, Београд, кут 1, р.бр. 4/11-1, Годишен доклад за дејноста на службата во на одделението „В", од 23.4. 1941 до 31.12.1941 год.

Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија (АВНОЈ), на кое му се признаја правата на **национална слобода**. Со това **македонскиот народ** станува градител на нова Југославија...

Тргвајќи од вековните идеали на **македонскиот народ**, првото македонско Народно собрание го прокламира пред цел свет своето праведно и неостапно сакање ЗА ОБЕДИНЕНИЕ НА ЦЕЛИОТ **МАКЕДОНСКИ НАРОД** на принципите на правото за само-определување. Со това ќе се тури крај на робството на **македонскиот народ** во сите негови делови и ќе се создадат условија за искрена солидарност и мир между балканските народи.

Борејчи се за слободата на **македонскиот народ**, првото македонско Народно собрание ги ПРОКЛАМИРА ПРАВАТА НА ПОЛНА СЛОБОДА И РАВНОПРАВНОСТ НА СИТЕ НАРОДНОСТИ ВО МАКЕДОНИЈА..."[1730]

Значењето на македонското име ќе биде содржано и во огромен број народни песни. Химната на македонските партизани, односно на Македонската војска „А бре Македонче" во своите стихови ги содржи и следниве зборови: „Нека разберат клетите фашисти **македонско име нема да загине**..."

ИЗВОРИ 1919 до 1944 год.

1919 год. Петар Поп Арсов. „Македонската емиграција, во своето раководно мнозинство, македонското прашање секогаш го сметала како чисто бугарско и затоа со своето замешување секогаш само му наштетувала. Тоа го ползуваа само некои водачи што на тој начин добиваа патент за широк бугарски патриотизам (Македонија е тесна за нивните амбиции!), та полесно стануваа: министри, дипломати, генерали, журналисти, па дури и претприемачи, трговци и др... А **македонското прашање требаше да остане чисто македонско**." [1731]

[1730] *Документи за борбата*..., том 2: 604-609; зб. АСНОМ, 259-270.

[1731] Арсовъ, П. п. „Произходъ на революционното движение въ Македония и първите стѫпки на солунския Комитетъ за придобиване политическитѣ права на Македония дадени и отъ Берлинския договоръ". *Бюлетинъ*, бр. 8. София, 19.7.1919: 3; Ристовски, Б. *Македонската нација*, 1. Мисла. Скопје, 502.

1919 год. Генерален совет на македонските друштва во Швајцарија.[1732]

„Генерален совет на македонските друштва во Швајцарија...

Многу почитуван г-не професоре,

Вашите чувства за одбрана на малите народи што сѐ уште се останати под туѓо ропство нам ни се добро познати. Ви се обраќаме благороден бранителе на правата на слабите и со почитување Ве молиме да бидете добри да го вложите Вашето моќно влијание за ослободување и независност на нашата несреќна земја - Македонија. Нашата досегашна политика се состоеше во тоа пред Мировната конференција да ги изнесеме желбите и стремежите на големото мнозинство од **македонскиот народ** што се состојат во следното - независност на Македонија со кантонална управа под протекторат на една од Големите Сили.

Оние што ја познаваат историјата на жалната дипломатија на балканските држави во последните децении лесно ќе сфатат дека ние, прогонетите синови од измачената Македонија, со нашето барање следиме четири солуции:

1. прогласувајќи ја Македонија за независна засекогаш ќе стави крај на распарчувањето меѓу балканските држави. **Македонскиот народ** ќе престане да биде објект на трговски трансакции меѓу нејзините соседи;
2. контролната управа што ние планираме да ја спроведеме во нашата земја, по примерот на демократска Швајцарија, ќе им обезбеди на сите малцинства апсолутна рамноправност за економски и духовен развиток;
3. за да се осуетат интригите на корумпираните дипломати на Белград, Атина и Софија, апсолутно е неопходен протекторат на една од Големите Сили над Македонија;
4. еднаш слободна и независна, благодарение на нејзината вонредна географска положба, Македонија ќе служи како врска за обединување на балканските држави и ќе придонесе за остварување на балканска конфедерација - тоа е резимирана основата на нашата политика, што ни се чини најдобра и во интерес дури и на нашите соседи;
5. на нашата седница на 21-ви едногласно ги избравме Соединетите Држави за сила протекторка на Македонија. Вие, кои ја имате таа среќа да сте син на најголемата демократија на светот, ќе сфатите зошто нашиот избор се задржал на вашата благородна земја.

[1732] Писмо на Генералниот совет од 23.5.1919 год. упатено до професорот Херон со молба да се застапи за македонската кауза.

Америка беше наша протекторка и наша добротворка и во минатото. Благодарение на мисиите со американска помош преживеаните изгладнети **Македонци** по големата револуција од 1903 година беа спасени од ужасната мизерија. Благодарение на училиштата од американските мисии голем дел од **македонската младина** ја црпеше својата интелектуална култура и научи да го почитува правото на другиот и да го брани своето право. Благодаредните на американската индустрија нашите трудољубиви работници беа во состојба да ги обноват нивните опустошени градови и села. Благодарение токму на тоа гостопримство на благородниот американски народ и денес повеќе од 50 000 наши сонародници наоѓаат пристоен поучен престој во Вашата благородна земја.

Си дозволуваме да Ви испратиме во прилог копии од телеграмата и писмото што го испративме до Неговата Екселенција, претседателот Вилсон.

Земајќи ги предвид последните изјави на господинот Вилсон во врска со Ерменија и Цариград, се чини дека само со одобрување на Сенатот, според американскиот Устав, ќе може да се одреди дали Америка ќе прифати или не протекторатот на тие земји. Затоа ние, со нашата телеграма, молиме Соединетите Држави или Англија да се прифатат за вршителка на протекторат над нашата несреќна татковина, која ќе се здобие со траен мир и доброчинство.

Ние цврсто веруваме дека благодарниот американски народ повторно ќе одговори на нашиот апел и дека Вие, благородниот иницијатор на оваа најправедна и најправична идеја, ќе ни ја подадете Вашата цврста рака за остварување на слободата и независноста на Македонија под протекторат на Соединетите Држави. Бидете сигурен многу почитуван господин професоре дека **Македонците** се маченици, како во Швајцарија така и во Македонија и оние што се наоѓаат во Америка, ќе ви Ви бидат вечно благодарни.

Сметаме за наша задача уште сега да Ви изразиме наша благодарност и признание Вам, наш благороден бранителу, кој го кренавте својот благороден глас за праведната кауза на измачена Македонија.

Во името на Генералниот совет на македонските друштва во Швајцарија,

Претседател,
д-р А. Коцарев

Секретар,
Бл. Бојаџиев[1733]

[1733] Миноски, М. *Соединетите*..., 163-165; Archives Hoover Institution on War, Revolution and Peace, Stanford, California. Macedonia, Doc.II.

1919 год. Апел на Генералениот совет на македонските друштва во Швајцарија.[1734] „Зар може **Македонија** како жртва на натпреварот на своите соседи да се смета како завојувачка земја? Не! Таа е неутрална, а сепак испустена; таа вриска за правда пред целиот свет!


Од сите чесни совести и од сите загрижени духови за иднината на човештвото се носи вик којшто бара да се почитува слободното определување на народите. Ние, **Македонците**, бараме ова неприкосновено право да се почитува кога ќе стане збор за Македонија. **Македонскиот народ** ги има неопходните и потребни способности за да може да се самоуправува, бидејќи тој не е аморфна маса, ни несвесна заедница како што мнозина заинтересирани писатели сакаат да нѐ уверат во тоа. Напротив, под овој привиден хаос се крие душевно единство коешто се заснова на цврсти психолошки врски како што се: непрестаните и масовни револуции, заедничките маки и болки под истиот јарем. Една од главните врски на ова душевно единство е токму овој возвишен самопрегор на масите на **македонскиот народ** за независноста на нивната земја, кој создал во сите времиња во **Македонија** херои, апостоли и маченици...

Лозана, јуни 1919 година

Генерален совет на македонските
друштва во Швајцарија
Претседател: д-р А. Коцарев (Охрид)
Секретар: Бл. Бојаџиев (Лерин)
Благајник: Кр. Лешко (Тетово)
Советник: инж. А. Атанасов (Куманово)
Советник: Вл. Дамјанов (Солун) ... “[1735]

[1734] Апел на Генералниот совет во Швајцарија до Версајската мировна конференција. Генералниот совет го сочинувале следните друштва: Академско друштво „Македонија“ од Женева, Политичко друштво „Независна Македонија“ од Женева, Политичко друштво „Македонија на Македонците“ од Цирих и Политичкото друштво „Македонија за одбрана на Македонците“ од Лозана. Апелот го поддржале и потпишале и поголема група врвни европски интелектуалци.

[1735] Лапе, Љ. „Една акција во Швајцарија за зачувување целоста и независноста на Македонија“. *Историја*, 2. Скопје, 1983: 175.



Lausanne,18 Août,1919

(Given to Herron to be forwarded to President Wilson.)

Sir,

At this moment while the Peace Conference is occupied with the solution of the Balkan problem,we, two million Macedonians, are anxiously awaiting a just and equitable settlement of the Macedonian question.

It was from the Balkans that in 1914 issued the spark which set the world on fire.The precarious condition in Macedonia is the chief cause of the conflict among the Balkan states.Our neighbours are doing all they can to become masters of our unhappy land.The greatest misfortunes of the Macedonian population are due to that sinister antagonism.We are neither belligerents nor responsible for the faults of the Balkan diplomats who in the past have been juggling the destiny of Macedonia.

Sir,we earnestly beg that the Peace Conference pay no heed to the intrigues of the Balkan diplomacy,not to permit the dismemberment of our country,that it annul the fatal Bucharest Treaty of 1913,and create of Macedonia an independent state under the protectorate of one the Great Powers ofAntagonists.Such a radical solution will assure to all the inhabitants without distinction of race,language,or religion free political and economicoal development,and will put an end to the jealousies and conflicts of the Balkan states.An independent Macedonia would serve as a connecting link between those states and would prepare the way for the establishment of a Balkan Confederation.

Relying on the fulfilment of the noble principles of the Great Powers of the Entente,the General Council of the Macedonian Societies in Switzerland,representing the Macedonians in Switzerland and those in the United States of America,constituting and organized body of 80,000 young men,which corresponds to over two thousand hundred and fifty thousand people in Macedonia,and being in position to freely express the wishes of the majority of our country men,it entrusts the supreme Peace Tribunal to give a just and lasting solution of the Macedonian question.For the realisation of such a solution we beg of the Conference:

1)As the condition of things in it to-day is unbearable, Macedonia to be immediately occupied by troops of the great and disinterested Allied Powers,in order that an end be put to the martyrology of our brothers and sisters groaning under an alien yoke, and in order that the application of the principle of self-determination by means of plebiscite be guaranteed.

2)To allow to come to Paris delegates of the Macedonians in order to formulate before the Peace Conference the desire of the Macedonian people.

3)To permit the Macedonian refugees scattered abroad to return to their homes and give themselves over to their peaceful pursuits.

Firmly believing in the efforts of the framers of the Peace Conference to introduce a durable peace in the Near East,and to thus become benefactors also of Macedonia,

We remain,

Your most obedient servants,

The General Council of the Macedonian Societies in Switzerland,

President:Prof.Constantine Stephanove

Secretary:Bl.Boyadjieff

CONSEIL GÉNÉRAL DES SOCIÉTÉS MACEDONIENNES EN SUISSE

Писмо на Генералниот совет на македонските друштва во Швајцарија до претседателот на САД, Вудро Вилсон, од 1919 год.

1919 год. Генерален совет на македонските друштва.[1736] „Истакнувајќи го понапред прегледот на маките во нивната борба за слобода,[1737] не ли е евидентно дека **Македонците** се покажуваат достојни да бидат сообразени со правото на одлучување за нивната сопствена судбина, каква што привилегија им е гарантирана на Далматинците, Хрватите, Словенците, Чесите, Ерменците, Арабјаните итн.? Ние **Македонците** сме цврсто убедени

[1736] Меморандумот на Генералниот совет на македонките друштва во Шајцарија, кој бил приложен на британската мисија на Версајската мировна конференција содржел „нова варијанта, со нови изрази и терминологија за разлика од претходно објавениот Меморандум“ (Според Х. А. Полјански).

[1737] Во истиот текст на Меморандумот е направен мошне реален преглед на македонските востанија: Разловечкото, Кресненското или Македонско и Илинденското, како и Брсјачката буна.

дека големите демократиии во XX век ќе ни придат во помош во нашата борба за самоопределување.

Ние го бараме не само нашето право, туку наша императивна должност е барањето на **Македонците** да им се чуе гласот пред да се реши за иднината на нивната судбина...“[1738]

1919 год. Генерален совет на македонските друштва во Швајцарија.

Во телеграмата до Лојд Џорџ, шефот на британската делегација на Версајската мировна конференција, меѓу другото, пишува: „Неговото Кралско Височество, принцот регент на Србија[1739] со прокламација од 24 декември 1918 година нареди дека новите законски избори за Скупштината треба да се одржат исто така во Македонија. Вашата екселенција беше запознаена со фактот дека според Букурешкиот мир Македонија беше поставена под специјален режим според кој **македонскиот народ** има право да биде претставен во српскиот Парламент.

Сега, од специјални причини, чии мотиви лесно се забележуваат, Србија брза да дејствува пред да се донесат одлуките на Мировниот конгрес, од кој **македонскиот народ** вознемирено очекува стриктно воведување на принципите на самоопределување, како што е прокламирано од Вашата Екселенција. Познато е дека мерките на Неговото Кралско Височество се во спротивност на декларацијата од Вашата Екселенција...“[1740]

1919 год. Генерален совет на македонските друштва во Швајцарија до председателот на САД, Вудро Вилсон.[1741]

„Господине,

Додека Сенатот заседава за важни внатрешни и надворешни прашања, ние Ви испраќаме највисок апел на една **нација** што е во агонија.

Македонскиот народ, со години потиснуван и херојски опстојувал, се наоѓа пред исчезнување. И покрај крвавите жртви и страшните борби водени многу одамна за подобрување на положбата и за ослободување на земјата, нашиот народ сè уште се наоѓа под јарем што е срам за човештвото. Многу семејства изумреа и сè уште умираат под тиранскиот гнет на соседите. За да ги

[1738] Полјански, Х. А. *Велика Британија и македонското прашање на парискатa мировна конференција во 1919 година*. Архив на Македонија. Скопје, 1975: 83; PRO - FO/44. Peace Conference, British Delegation.

[1739] Александар I Караѓорѓевиќ.

[1740] Полјански, Х. А. *Велика Британија ...:* 84-85; (PRO - FO, 371/3591, Political, Balkans (War) 1919.

[1741] Лозана, 3 јуни 1919 год.

спасат своите животи, многу од нив беа приморани да се кријат и да ги напуштат своите домови и да бараат заслон во Вашата далечна земја.

Во Македонија, каде што секоја педа земја е натопена со крв од нејзините чеда, и понатаму се страда во испустена земја. Седумте години на војни без прекин го упропастија народот и го доведоа до страшна беда. Може ли човек да замисли побезмилосни морални и физички измачувања од оние што ги поднесуваат невините **Македонци**? Постои ли поболно страдање од оние на нејзините маченици?

Протераните синови на Македонија Ве молат да го чуете очајничкиот повик на оваа земја. Во таа смисла, ние упатуваме барање до претседателот Вилсон и до Париската конференција за единствено можно решение што ќе го осигури мирот на Балканот - слобода и рамноправност на Македонија.

Со надеж дека големата американска демократија ќе ја земе под непосреден протекторат независна Македонија, остануваме со најголема благодарност.

Ваши послушни слуги: секретар:
претседател: А. Коцарев Бл. Бојаџиев“[1742]


1919 год. Весник *Вашингтон пост*, САД. „Од **Македонците** се надеваат - и јас сум тука во Вашингтон да ги искажам на неофицијален начин нивните интереси - дека оваа прекрасна нација не ѝ дозволи на Бугарија да го има последниот збор.

Тие сега се околу 3 000 000 **Македонци** во Македонија, и тие го посакуваат истото самоопределување. **Македонците** не се ни Грци ни Бугари, а не се ни Срби...

Дозволете да ви кажам дека **Македонците** не се Грци, не се Бугари и, најпосле, тие не се ниту Срби. Тие не сакаат да бидат управувани од Атина, Софија или Белград. Тие ја сакаат Вилсоновата повелба за самоопределување. Тоа е сè што тие бараат.“[1743]

[1742] Archives Hoover Instituin on War, Revolution and Peace, Stanford, California, Macedonia. Doc. VI A.

[1743] *The Washington Post*. Washington DC, Jan. 8 1919.



"It is hoped by the Macedonians—and I am here in Washington to voice in an unofficial way their interests—that this wonderful nation does not now in this late time let Bulgaria have a word at the peace conference.

"There are nearly 3,000,000 Macedonians in Macedonia now, and they want this same self-determination that is talked about. They do not want to be ruled by a peace crowd that has no consideration for them.

"Let me tell you that the Macedonians are not Greeks nor Bulgarians, and, last of all, they are not Serbians. They do not want to be ruled from Athens, Sofia or Belgrade. They want Wilson's brand of self-determination. That's all they want."

Напис на *Вашингтон пост*: „Македонците, кои бројат околу 3 000 000 во Македонија, бараат право за самоопределување и дека Македонците не се ниту Грци ниту Бугари и, на крајот, тие не се ни Срби.“[1744]

1919 год. Весник *Ивнинг паблик леџер*, САД. „Дваесет и пет специјалисти за прашања поврзани со Балканот одговорија на повикот - барање на претседателот Вилсон да го поддржат неговиот план да се создаде автономна македонска држава. Таа ќе има околу 8 800 000 жители со главен град Солун, пишува дневниот весник од Филаделфија - *Паблик леџер*. Весникот пишува дека границите на државата Македонија ќе се протегаат на север од планините во Србија сè до Егејското Море и од бугарската граница сè до источна граница на Албанија. Планот бил да ѝ се даде самоуправа на Македонија, но таа да биде под патронат на некоја голема сила како Соединетите Американски Држави за време на неколку години од нејзиното постоење.“[1745]

[1744] *The Washington Post*. Washington DC, Jan. 8 1919; MACEDONIA: a True Endless Story… 2 април 2020.

[1745] Evening Public Ledger - Philadephia, April 11, 1919; https://scontent.fskp4-2.fna.fbcdn.; https://www.newspapers.com/image/162736725/…

1919 год. Џорџ Д. Херон, САД.[1746]

„Почитуван полковнику Хауз,

Многумина најдобри претставници на Македонија бараа да го забрзам разгледувањето на нивната положба. Двајца од овие **Македонци** завршиле американски универзитети и се луѓе чијшто авторитет е несомнен.

Нивните барања можат да се сумираат како следува:

1. **Македонците се посебен народ** способен за една понапредна цивилизација повеќе отколку што е општо познато и целосно се спротивставуваат да бидат поделени меѓу Србија, Грција и Бугарија...“[1747]

1919 год. Операциски дневник на Врховната команда на Југословенската кралска војска, Кралство СХС/Југославија. „Автономијата на Македонија треба да ги опфати целиот српски, грчки, бугарски дел на Македонија - од Качаник и Шар Планина до р. Струма. Центарот би бил во Солун. Се верува дека Америка сесрдно ќе ја помогне таа акција. Спрема спогодбата со Америка, во **автономна Македонија** три години ќе се наоѓа американска војска и полиција со центар во Солун, а потоа Американците ќе се повлечат и **Македонците** ќе формираат своја војска, полиција и останата власт...

Акцијата за **автономна Македонија** ќе се состои - прво, во точно запознавање на народот со идејата за да се убеди во нејзиното остварување, а потоа секој крај на Македонија ќе испрати петиција до Конгресот[1748] и до Вилсон,[1749] барајќи врз основа на Вилсоновите принципи да им се гарантира на **Македонците** право на самоуправување. Во тие петиции, поткрепени со доволен број потписи, ќе се бара автономна Македонија под протекторат на Големите Сили. Голем дел од народот верува дека сегашната положба нема да остане, туку сигурно ќе има **автономна Македонија**...“[1750]

[1746] Џорџ Херон, универзитетски професор кој испратил писно на 26 мај 1919 год. до полковникот Хауз, член на делегацијата на САД на Мировната конференција со коешто го информира за барањето на Македонија за независна држава.

[1747] Миноски, М. *Соединетите*..., 171; Archives Hoover Institution on War, Revolution and Peace, Stanford, Doc. V.

[1748] Париска мировна конференција 1919.

[1749] Вудро Вилсон, претседател на САД којшто ја објави неговата Повелба на народите, односно идното уредување на државите и правата на народите од 14 точки.

[1750] Архив војно-историског института - Београд, *Операциски дневник на оперативног одделења Врховне команде*, књ. 38, 85, дов. бр. Ф. Јо 19.701, 7.3.1919.

1919 год. Генерален совет на македонските друштва во Швајцарија до парламентарниот свет на земјите на Антантата. „Ние **Македонците** сериозно и енергично бараме од големата Антанта, од Англија посебно, Македонија да се констатира на една од најмалку заинтересираните во слободна независна држава под протекторатот на една од најмалку заинтересираните Големи сили. Тоа е единствената сигурна и праведна алтернатива за решавање на македонското прашање во согласност со принципите на сојузничките сили.“[1751]

1919 год. Анкетен лист од Велес - Оперативното одделение на Врховната команда на војската на Кралството СХС. Според анкетата на граѓаните во Велес и Велешко: „Пореалните луѓе велат дека ако случајно Македонија не добие автономија, како минимум на своите барања ќе посакаат да им се гарантира почитување на правата на малцинство, право прокламирано во Прокламацијата на престолонаследникот од месец декември. Почитувањето на правото на малцинство ќе биде почитувано од Конференцијата во Париз. Врз основа на тоа право, тие би имале свои училишта и свој јазик во администрацијата. Некои од нив дури и велат: „Ние со оние што ќе ни дојдат од Србија ќе поведеме културна борба, па доколку тие се посилни постепено ќе исчезне **македонскиот јазик**, а заедно со него и македонското прашање, но доколку не бидат посилни, тие самите ќе го примат нашиот јазик и ќе се претопат во **Македонци.“**[1752]

1919 год. Македонското друштво во Цирих. Во телеграмата на ова друштво до претседателот на Министерскиот совет на Франција и претседателот на Мировната конференција, Жорж Клемансо, и до Пол Еуген Датуста, генерален секретар на конференцијата, пишува: „Собранието на претставниците **Македонци** надвор од нивното огниште Ве моли да интервенирате пред Конференцијата на мирот за да стори сè што е можно да им се признае на **Македонците** правото слободно да располагаат со својата власт според примерот на сите други народи...“[1753]

1919 год. Пол Христов. Пол Христов како легален застапник на ВМРО на Мировната конференција во Париз доставил две писма со речиси

[1751] *L'Independence Macedoniene*, 16.10.1919, I, 1, 3; Миноски, М. *Федеративната идеја во македонската политичка мисла*. Мисла. Скопје, 1985: 72.

[1752] Архив војно-историјског института - Београд. *Операцијски дневник Опертаивног одељења Врховне команде*, књ. 3Б, 85, пов. бр. ОЏО, бр. 19701. 7.3.1919 год.

[1753] Полјански, Х. А. *Велика Британија и македонското*..., цит. дело: 87.

идентична содржина на Жорж Клемансо и Лојд Џорџ (PRO - FO, 608/30). Во писмото до Клемансо, меѓу другото, стои:

„Екселенцијо,

Чест ми е да ја изразам мојата лојалност како делегат на Македонскиот комитет при Високата конференција на мирот за да протестирам против маневрите на извесни сомнителни личности кои претендираат да говорат од името на Македонија, а тоа се претставници на т.н. 'Исполнителен комитет на македонските друштва'.

Достатно ќе биде да ѝ покажам на Вашата екселенција дека македонската емиграција во Бугарија за време на триесет години создаде една малобројна група бугаризирани Македонци 'кои не се посветија комплетно на интересите на својата родна земја, туку на Бугарија.' Тие луѓе, кои се општо сомнителни во обете татковини, кои се, велиме ние, нерешителни, 'предложија како делегати на Конференцијата да бидат две личности, како Тодор Александров и Протугеров, заколнати пријатели на Кајзера и Фердинанда и организатори на масакрите во Ниш!'

Навистина, таа расипаност секогаш најдобро служи за компромитирање на каузата на 'македонската автономија' пред аеропагот на победниците.

Јас имам чест да Ви изнесам единствено од **македонските друштва**, слободни од сите бугарски и други политички влијанија и што лојално ја претставувам **целата Македонија**, без разлика на јазици и религии, се револуционерните комитети на **Македонците** кои се собрани во формираната од 1893 година '**Внатрешна македонска револуционерна организација**'.

Од нејзиното име бившиот Револуционерен бугарско-македонски комитет во Серес[1754] го објави својот манифест 'Кон автономија на Македонија', како што се нејзините сегашни апели до **Македонците**, од 9 и 15 март 1919 година, потпишани од дваесет и еден раководител или војводи на Македонскиот комитет.

Затоа, од нивно име, и никако од името на Бугарија или Бугарите, имам чест да Ве запрашам и да изнесам ново барање пред Вашата Екселенција во полза на една аудиенција за да Ви се претстават желбите на македонскиот народ..."[1755]

[1754] Тука Пол Христов најверојатно мисли на *серската група* на Организацијата, кога Серез и поширокатa негова околина биле под бугарска власт за време на Првата светска војна, но и нивното дејствување во пиринскиот дел на Македонија по војната.

[1755] Полјански, Х. А. *Велика Британија и македонското*..., цит. дело: 92-93; [PRO – FO, 608/30, Peace Conference, (Brit. Del.), 1919].

1919 год. Пол Христов. „Додека Мировната конференција е зафатена со прекројувањето на картата на Европа, многу мали народи заборавени досега се стремат, кој со поголем кој со помал изглед на успех, кон својата автономија. Но има еден народ за кој никој не зборувал и кому дури мнозина му го одрекнуваат правото да се искаже и да биде ислушан, макар што неговото име, во текот на половина век, ги полнеше колоните на европскиот печат...

Ниту Србите, ниту Грците, ниту Бугарите не треба да ја имаат. Нека им ја остават просто напросто **Македонија на Македонците**. Самите **Македонци** не бараат ништо повеќе од ова...

Што се однесува до расното и верското единство, во која земја тоа навистина постои? Значи зошто да се дели Македонија...

Всушност, овие клети **Македонци** се бореа во сите три табори, затоа не можат да ги обвинат во еден престап повеќе, како што тоа не го прават ни со Елзешаните ни со Полјаците. Еднакво подозрени од сите три страни, македонските селани не се бореле храбро и со љубов. Освен 'за својата земја' и сите мислеле преку тоа не на Бугарија, Србија или на Грција (иако тоа им се припишува), туку на својата скапа Македонија.“[1756]

1919 год. Димо Х. Димов. „Со заплашувања бугарската политика се мачи да се парализира во тој народ неговиот инстикт за самозачувување, да го задуши и умртви никулецот на оние идеи што би го спасиле од непријателска поделба, да ја убие онаа моќна и жива формула што сама по себе се зародила во неговата свест - формулата за зачувување на неговата целост и самостојност. Тоа чувство таа свест тоа решение е општо за целиот **македонски народ** и е во полна противречност со целите на бугарската политика...

Да ѝ се дава кредит на денешната бугарска политика од страна на **македонскиот народ** значи последниот да се предаде на полно самоодрекнување. Но тоа не може да стане, тоа не може да биде. Се работи за цел еден народ кој не може да се жртвува за една политика.“[1757]

[1756] *Историска вистина*. Култура. Скопје, 1981: 52-54; *Бюлетинъ на временното правителство*, бр. 3. 23.5.1919: 2-3.

[1757] *Историска вистина*... : 52; Димовъ, Д. Х. *Назад към автономията*. София, 1919: 45-46.

1919 год. Никола Попов.[1758] Говор: „Голем дел од емиграцијата се наоѓа надвор од братствата. Емиграцијата во голем дел е со Привременото претставништво.[1759] Затоа, ако сакаме на овој основачки Конгрес на бртствата да се постават цврсти основи на нашата организација, неопходно е во неа да биде обединета целата емиграција... Без учество и содејство на Привременото претставништво, вистинскиот претставник на нашите внатрешни револуционерни сили во минатото и сега, не можеме авторитетно да го издигнеме лозунгот за автономијата. 'Вие' - продолжува претседателот обрнувајќи се кон врховистите - 'го проигравте тој лозунг'. Сега треба да се одморите и да бидете раководени од вистинските и авторитетни водачи на **македонскиот народ**..."[1760]

1919 год. Главниот одбор на македонските студенти во Швајцарија до претседателот на бугарската Влада, Александар Стамболиски. „Вашето доаѓање на власт нè натера да веруваме нас, сите **Македонци**, како и цивилизиран свет, дека крупните грешки на бугарската дипломатија ќе бидат поправени. За жал, ништо не стори од тоа вашата околина составена од луѓе кои верно ѝ служеле на политиката на Фердинант Кобург и кои носат тешки одговорности за сите македонски несреќи. Место да се откажете од Македонија и да им дадете храбар пример на сите балкански претенденти, вие ги продолживте истите груби грешки кон нашата земја. Вие ќе потпишете во Париз еден договор чии одредби за правата на малцинствата не ќе им донесе ништо добро на несреќните **Македонци**.

Ние енергично протестираме против оваа жалосна дипломатска игра и **одбиваме да се определиме за бугарската националност**. Пред целата светска јавност изјавуваме дека не сакаме да бидеме орудие на новиот иредентизам што вие го создавате со вашата империјалистичка политика."[1761]

1919 год. Никола Пушкаров, Бугарија.[1762]

„Стопанското богатство на Македонија и нејзините соседи.

[1758] Претседател на Конгресот на македонските братства на македонските емигранти во Бугарија.

[1759] Се мисли на привременото претставништво на поранешното ВМРО.

[1760] Мартулков, А. *Моето учество во револуционерните борби на Македонија*. Скопје, 1954: 339.

[1761] Лапе, Љ. *Активноста на главниот одбор*..., 189.

[1762] Никола Пушкаров (1874 - 1943) е бугарин родум од градот Пирдоп. Учесник е во Илинденското востание како водач на чета на Скопскиот револуционерен округ.

Сите соседи на Македонија се нејзини доброжелници. Секој одделно со сите средства настојува да им го внуши на **Македонците** своето значење за спасител. Дури доколку населението на Македонија се посомнева во искреноста на несаканите ослободители, последниве со меч му го докажуваат спротивното.

И секој од соседите го оспорува правото на другиот да биде ослободител.

И во овој спор поведоа војни, со години војуваа соседите меѓу себе за да изборат правото на ослободители на Македонија. Ги заморија сите соседни народи, а македонскиот народ скоро го истребија...

Но патриотите на соседите не се очајуваат, тие создадоа бироа од платени луѓе кои ги задолжија со простени и непростени средства да ја докажуваат најтесната припадност на Македонија кон 'татковината' на нивните патриоти. Тие го нарекоа населението на оваа несреќна земја ту 'бугарогласни Грци', ту 'Македонски Словеносрби', ту 'браќа од зад Рила'.


Но која е таа несовладлива сила што не им дава мир на овие луѓе, дури и тогаш кога самиот **македонски народ** им изјавува дека не ја сакаат нивната слобода? Ако вистината се побара без предубедување, ќе се види дека тие луѓе се еден грст капиталисти и платени нивни агенти или дворски камарили кои ја крепеле својата власт и ги оправдувале ограбувањата со ослободувањето на Македонија. Тие не се никакви претставници на своите народи...

Ти не слушај ги **Македонче**, бидејќи нивните зборови се лага. Тие многу добро ја знаат цената на твојата земја. Тие војуваа не за твое добро, не за твоја слобода, туку за богатствата на твојата земја и за твоето поробување... Богатствата на Македонија се тие што прават патриотите на нејзините соседи да лудуваат од 'патриотизам', да горат од желба колку што може поголем дел од живото тело на Македонија да откинат за себе, да го 'ослободат', т.е. да му ја одземат можноста на **Македонецот** сам себе да се управува.

Но ти чувај ја земјата своја **Македонче** од лажните добри желби на тие луѓе. Тие ти носат ново ропство, потешко од старото. Твојата земја е наполно способна за самостојно постоење. Таа има сè, и тоа во најголем размер за да образува одделна држава. Сплоти се околу знамето на автономијата на твојата татковина, зашто само под тоа знаме нема да те тепаат оти си бил, Грк, Србин или Бугарин, туку просто **Македонец**."[1763]

[1763] *Документи за борбата*..., том 1: 616-618; *Бюлетин*, бр. 8, 19.7.1919: 7-8.

1919 год. Сестра Августина Бевике, Велика Британија.[1764] Во писмото до британскиот дипломат Јан Малком, сестра Августина во врска со судбината на Македонците и Македонија, меѓу другото, пишува: „Букурешкиот договор, кој ја раздели Македонија без некоја почит кон правдата, беше причина овие бедни луѓе да бидат распрснати заради нивниот **словенски јазик** кој беше забранет во црквите и училиштата. Бискупот имаше седиште во Солун, сега е во прогонство повеќе од три години, немаме никаква надеж за неговото враќање во кое било место под грчко или српско владеење. Грците нема да дозволат употреба на словенскиот јазик во црквите или училиштата; жителите во **Македонија** се во големо мнозинство Словени; тие самите сега се викаат **Македонци** и имаат желба, а и ние имаме пламена желба за нив, за една автономија под европска контрола. И кога и да било, **Македонија** може да биде разделена, но народот секогаш ќе биде незадоволен и ќе се бори против тоа. Неговата единствена надеж, колку што јас можам да видам, е колку е можно поскоро да биде во една силна автономија, која ни Грците, ни Бугарите, ни Србите не ќе смеат да ја нападнат; тогаш **Македонците**, кои се навистина интелегентни и послушни кога со нив добро се постапува, ќе можат мирно да ја развиваат нивната убава плодородна земја и ќе можат да се цивилизираат. Сигурно Европа нема да ја остави **Македонија** под народ што **Македонците** го мразат и против кој тие ќе продолжат да се борат...“[1765]



Писмото на сестра А. Бевике.[1766]

[1764] Католичка милосрдна сестра.

[1765] Полјански, Х. А. *Велика Британија и* ... : 74-76; (PRO - FO 608/44).

[1766] https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/05/1919.01.04.jpg

1919 год. Џемс Баучер, Велика Британија. Овој истакнат британски новинар и публицист, голем пријател на Македонија и македонскиот народ, испратил Меморандум за уредување на Македонија до британските политички кругови:

„1) Во интерес на правдата и на идниот мир на Балканскиот Полуостров, потребно е новите граници на балканските држави по можност да бидат поставени усогласено со границите на националностите.

2) Ако во кој и да било случај системот на разграничување не може да се спроведе, принципот еден балкански народ да не може да се стави под владеење на друг, може покрај тоа, да се одржи во согласност со самоуправувањето на односното население.

3) Во случајов, особено е пожелно применувањето на овој принцип за Македонија во врска со ривалските барања на соседните земји, кои без причина се основа за бескрајната мизерија на населението близу половина век. Под една автономна управа, заштитена од Силите, населението ќе биде способно да се грижи за своите сопствени интереси и да живее и да напредува без вознемирување, на кое беше подложено досега.

4) Ако ја прифатиме теоријата изложена од Србите и Грците дека националната свест на **Македонците** е ’флуидна‘[1767] и е изложена на наклоноста на секоја странска пропаганда, природен заклучок е дека тие треба сами да се управуваат и дека принципот ’**Македонија на Македонците**‘ треба да се прифати.

5) Автономната македонска држава ќе се простира од Шар Планина (српската етничка граница) на север, до Егејското море на југ и до бугарската граница на исток, до албанската на запад. Јужната граница, што се протега од Костурското Езеро до утоката на Вардар, ќе ѝ го остави Бер на Грција, која исто така ќе ги задржи Нигрита и Халкидичкиот Полуостров.

6) Ќе биде пожелно **автономната држава** да се надгледува од една голема сила, на пример од Америка, во првите години од нејзиното постоење.

7) Откажувањето на Србија и Грција од македонската територија што ја окупирале во 1913 година и натаму не ќе биде неразумно ако се има предвид големото проширување што овие држави го добија сега.

[1767] Ваквата теорија застапувана од Србите и Грците била дел од нивната големодржавна стратегија за оправданоста за проширувањето на нивните државни територии, зад која стои познатиот српски географ Јован Цвијиќ.

8) Солун, којшто е трговски неодвоив од внатрешноста, ќе може да стане природна престолнина, престолнина на новата држава.

9) Решавањето на предложеното ќе може да ја задоволи широко-**распространетата желба за автономија**, која постоеше во Македонија и во Солун во изминатите години.“[1768]

1919 год. Хари Лемб, Велика Британија. Полковникот Лемб, кој бил аташе на британската воена мисија во Софија, препратил два документи до лордот Карзон од Кедлестон, британски државник, заменик на Џемс Балфур во Форин офис. Првиот документ потекнувал од крилото на ВМРО кое се залагало за автономија, и тоа од серската група, а второто писмо - мемоар, кое го добил од групата на Исполнителниот комитет на македонските братства во Бугарија. Претставувајќи ги содржините на двата документа (во претходните точки), во точките 4 до 6 доаѓа до следните заклучоци: „4) овие два документа изгледа дека покажуваат постоење на истата онаа разлика во мислењата што постоеше во најактивниот период на македонското движење од 1903 до 1908 година меѓу Централниот македонски комитет, кој оперираше од Софија, во повеќе или помалку врски и во симпатии со политичките кругови на бугарската Влада и Внатрешната револуционерна организација, која дејствуваше во Македонија само во интерес на населението од таа област; 5) меѓутоа, разликата, главно, е само за еден степен. Во секциите се согласуваат за поддржување на несомнената прекуброjност на бугарскиот елемент во Македонија и во држењето дека земјата треба поправо да се обедини со Бугарија. Тие се разликуваат во тоа што, додека софискиот комитет изјавува дека верува во продолжителната можност од едно такво обединување и само сугерира автономија за да ја претпостави разделбата, од друга страна, Внатрешната организација цврсто признава дека тоа обединување нема да биде долго изводливо и затоа се бори за автономија како единствен и својствен чин за спасот на македонските народи. Освен тоа, дека софискиот комитет беше адвокат на „легалните“ методи на дејствување, Внатрешната револуционерна организација, како што покажува нејзиното име, отворено е субверзивна, таа е проткаена со демократски и други републикански доктрини и има за цел евентуално уривање на владеачките династии во сите балкански држави и нивното заменување со федерален сојуз според моделот на швајцарската конференција; 6) тука има малку сомневање, зашто искуствата

[1768] Полјански, Х. А. *Велика Британија и македонското*..., цит. дело: 88-89; (PRO - FO, 608/44)

од изминатите неколку години го имаат зголемено мислењето во овој последен правец. Населението од спорните области имаше можности да ги осети ефектите на српската, грчката и бугарската администрација и дојде до жалостен заклучок дека ниедна од трите не во состојба да го воспостави долго очекуваното спокојство во нивната многу измачена земја и поради тоа тие сè повеќе и повеќе се склони да ја прифатат доктрината за автономија, во надеж дека таа може да даде подобри шанси да се постигне тој крај..."[1769]

1919 год. Весник *Тајмс*, Велика Британија, Генерален совет на Македонците.

„МАКЕДОНСКИ АПЕЛ ДО ПАРИЗ

До уредникот на *Тајмс*

Сире,

Во моментот кога Конференцијата на мирот е зафатена со решавањето на балканските проблеми, ние, два милиона **Македонци**, неспокојно го очекуваме правичното и праведно решение на македонското прашање.

Од Балканот во 1914 година пламна светскиот пожар. Критичната состојба во **Македонија** е главната причина за конфликтот меѓу балканските држави. Нашите соседи прават сè за да станат господари во нашата несреќна земја и најголемата несреќа на македонското население се должи на тој злокобен антагонизам...


Ние сериозно молиме Мировната конференција да не им обрнува внимание на интригите на балканската дипломатија и да не дозволи да се распрчува нашата земја...

Потпирајќи се на совршенството од благородните принципи на Големите Сили на Антантата, Генералниот совет на македонските друштва во Швајцарија, кој ги претставува **Македонците** во Швајцарија и тие во Соединетите Држави на Америка, конституиран во едно организационо тело од 50 000 млади луѓе кои кореспондираат со повеќе од 250 000 луѓе во **Македонија**, кој, исто така, има можност слободно да ги изрази желбите на мнозинството на нашите сонародници... ја молиме Конференцијата:

1. ...земјата веднаш да се окупира од трупите на сојузнички Големи (и незаинтересираните) Сили, со што ќе им се стави крај на убиствата на нашите браќа и сестри кои стенкаат под туѓо ропство...;

[1769] Полјански, Х. А. *Велика Британија и македонското*..., цит. дело: 91-92; PRO - FO, 371/3588, Political, Balkans, (War), 1919.

2. да им се дозволи делегати на **Македонците** да дојдат во Париз со цел да ги формулираат пред Мировната конференција желбите на **македонскиот народ**...;
3. да им се дозволи на **македонските бегалци**, заминати во странство, да се вратат во своите куќи и да не бидат подложени на прогонувања ..."[1770]



HISTORY OF SERBIA

BY

HAROLD W. V. TEMPERLEY

LONDON
G. BELL AND SONS LTD.
1917

THE MACEDONIAN QUESTION 311

has been invoked and misrepresented by all parties in the dispute. The Greeks have pointed to Byzantine dominion in Macedonia, the Bulgars have claimed Alexander the Great as a blood brother, and the Serbians have discovered the primitive elements of their race in these territories. Party politics have invaded history and blinded or confused the issue, and even the most scholarly and accurate of Balkan historians have not been able to escape from the blinding force of prejudice. History as she is written in the Balkans is a dangerous guide, for the historian must deal not only with memories but with hopes.

To an unprejudiced observer some facts in Macedonian history are self-evident. It is certain that though the Greeks retained the coastal area, autonomous Slavs settled in the interior of Macedonia. At an early date other elements were added by the infiltration of Albanians, and of that strange race—the Kutzo-Vlachs or nomadic Roumans; then Macedonia was influenced by Kosper and more permanent conquerors, Byzantine, Bulgarian, and Serbian. The long period of Byzantine rule did not turn the inhabitants into Greeks, though it made many proselytes.[1] Bulgarian claims to Macedonia rest on some centuries of rule and on two empires; Serbian claims rest on one shortlived empire and upon two centuries of confusion, during which Serb princelets ruled West Macedonia. Yet Serbian architecture has left deeper traces on fortress, convent, and church than Bulgarian ever did, thus proving that an influence may be more enduring than a domination. It is certain that the bulk of the Macedonian population is Slav—it is by no means certain that it is Bulgar. There is much, therefore, to be said for the view that the real population is neither Bulgarian nor Serbian, but half-way between

[1] *E.g.* even in Stephen Dushan's time there was a party of "Greeks" in Skoplje.

Bulgarian ever did, thus proving that an influence may be more enduring than a domination. It is certain that the bulk of the Macedonian population is Slav—it is by no means certain that it is Bulgar. There is much, therefore, to be said for the view that the real population is neither Bulgarian nor Serbian, but half-way between


[1] *E.g.* even in Stephen Dushan's time there was a party of "Greeks" in Skoplje.

[1770] *Документи за борбата*..., том 1: 618-619; „Macedonian Appeal to Paris". *The Times*. London, 16th August 1919: 6.

1919 год. Харолд В. Темперли, Велика Британија. „Најголемиот дел од **македонското население секако е словенско**, но тоа не значи дека е бугарско. Има што многу да се говори за различните погледи, но вистина е дека населението **не е ни српско, ни бугарско**.“[1771]

1919 год. Константинос Мазаракис, Грција.[1772] „Македонија мора да биде проучувана кога се во прашање јазиците и националното чувство од аспект како таа е прикажана пред Балканските војни. Четири јазици се зборувани во оваа земја: грчкиот, турскиот, македонскиот (или локалниот) дијалект и влашкиот... **Македонскиот дијалект е еден извртен словенски јазик** кој во северниот регион личи на бугарскиот, а во западниот на српскиот дијалект ...“[1773]

1919 год. Актион Франсес, **Франција**. „Бидејќи Македонија е причина за многу проблеми меѓу Грција, Бугарија и Србија, зошто не би создале една независна Македонија? На крајот од краиштата, **Македонците** не признаваат никаква друга националност освен **МАКЕДОН**.“[1778]


La principale de leurs pommes de discorde étant la Macédoine, pourquoi ne pas départager Grèce, Serbie et Bulgarie en créant une Macédoine indépendante? D'abord les Macédoniens eux-mêmes ne se reconnaissent pas d'autre nationalité que celle de *Makedon*. Ensuite leur Etat, bordant la

1919 год. Филип Бартело, Франција. Француски политичар задолжен со организацијата на Париската мировна конференција, како претседател на Комитетот на нови држави, се обратил со писмо до претседателот на југословенската делегација, Никола Пашиќ. „Комитетот за нови држави и за заштита на правата на малцинствата доби инструкции од Високиот совет на

[1771] Temperley, H. W. V. *History of Serbia, 1919*; Macedonia: a True Endless Story… 9 септември 2020.

[1772] Грчки националист, еден од учесниците на т.н. *Македонска борба*, висок офицер на грчката војска и учесник во Балканските војни и Првата светска војна, близок соработник на премиерот Венизелос.

[1773] Јовановски, Д. „Пред Коминтерната ... : 86; (Mazarakis K. J. *Aenian: The resolution of the Balkan question*. Patriotic league. Athens, 1919).

[1778] *L'Action Française*, 29 juliet 1919; Macedonia: a True Endless Story… 7 јули 2020.

главните сојузнички и придружни сили за да подготви нацрт-договор што треба да се потпише меѓу овие сили и Кралството на Србите, Хрватите и Словенците по прашањето на правата на малцинствата и слободата на трговијата и транзитот...

Од друга страна, несомнено е потребно да се разгледаат некои стимулации што се однесуваат на другите етнички малцинства (како што се Албанците и **Македонците**) и муслиманското население што се наоѓа во државата на СХС..."[1779]

1919 год. Шарл Нобис, Франција.[1780] „Ако прашаме некој селанец за неговата националност, тој без колебање ви одговра дека е '**Македон**'; **Македонец**, етимолошки значи голем, со голема височина; факт е дека ретките селани кои ги среќаваме во долините или на планините имаат силен стас, велам ретки, бидејќи војната ужасно ја опустоши Македонија: едни се борат во редовите на српската армија, други беа одведени од Бугарите кога се повлекуваа, многумина, меѓу другото, се во Америка."[1781]

1919 год. Емануел Фаит, Чехословачка.[1782]

„**МАКЕДОНСКИТЕ СЛОВЕНИ**

...Византијците од времето на преселувањето на народите ги нарекуваа **македонски племиња со заедничко име Словени**... Веќе Турците, навистина по заземањето на Македонија ги нарекуваа словенските племиња во поречието на Вардар и Струма - Бугари; но никако во народносна смисла. **Македонците**... се нарекуваат каури, ѓаури - неверници, но и Бугари, што го одржуваат и Грците во секојдневниот говор... Грците го нарекуваат и секој Србин како Бугарин за кој со сигурност не знаат дали потекнува од Кралството..."[1783]

[1779] Полјански, Х. А. *Велика Британија и македонското прашање*..., цит. дело 107; (Miller, D. H. *My Diary*, 289-295).

[1780] Шарл Нобис бил лекар во француската армија во текот на Првата светска војна, кога престојувал во Македонија на делот од фронтот кај Битола.

[1781] Nobis, Ch. *Lettre de Macedoine*. Paris, 1919: 95-96; *Сведоштва за македонскиот идентитет*..., 236.


[1782] Емануел Фаит (1854 - 1929) - чешки научник, историчар, географ и филолог. Познавач на повеќе јазици и експерт словенските и балканските јазици. Ја посетил Македонија 1888 и 1902 година, при што лично ги пропатувал сите делови на земјата.

[1783] Доровски, И. „Фаитовиот придонес за познавањето на Македонија". *Историја*, 1. Скопје, 1972: 85-114; (Fait, E. „Makedonšti Slovane". *Češka revue*, roč. XIII. 1919 - 1920: 90-94).

1919 год. Македонци - емигранти во Бугарија. Велешанецот и учител Милан Ѓорѓев Воинцалија преговарал со видни Македонци во Бугарија кои му предложиле да се вратат во Македонија под следните услови: „...да се дозволи пишување на македонска граматика така како што зборува народот во Македонија; администрацијата да се води на **македонски (местен) јазик**; службениците што ќе дојдат од страна во Македонија се должни да го познаваат **македонскиот јазик**, во спротивно не ќе можат да бидат поставени во служба; Македонија да биде во однос на Србија како што се Хрватска и Словенија; Македонија сама да си избира свои претставници кои ќе ги застапуваат само македонските работи.“[1784]

Околу 1920 год. Светомир Стевановиќ, Кралство СХС/Југославија.

„Овој српски просветен инспектор се обидел да го провери националното чувство на битолчаните. Тој се обиде на овој начин. Одејќи кон гимназијата, сретнувал ученици кои оделе кон училиштето, па започнал да ги испрашува што се по народност. Првиот кого го сретнал, кога го запрашал што е, одговорил дека е **Македонец**. Вториот, третиот, четвртиот исто така. Со испрашување што им се родителите, увидел дека родителите им се **Словени**. Петтиот рекол дека е Србин. Кога го прашал што му е татко му, одговорил - Влав.“[1785]


желео је да сазна да ли и како напредује наша национална идеја. То је покушао на овај начин. Идући у гимназију сретао је он ђаке који су пошли у школу, те их почео испитивати шта су по народности. Првог кога је срео,кад га је запитао шта је, одговорио је, да је Македонац. Други, трећи, четврти исто тако. Испитивањем ко су им родитељи видео је да су им родитељи Словени. Пети је рекао да је Србин. Када га је упитао шта му је отац, одговорио је — Цинцарин.

(Facebook: Macedonia: a True Endless Story… 19 март 2020)

1920 год. Месна организација на РПЈ (комунисти) во Велес. „Историјата на **македонскиот народ** е полна со таги и болки. Таа е историја на тајно робување. Поробени економски, политички и национално, **Македонците** одамна се предмет на економска експлоатација... Место својата сила да ја концентрира во борбата за економско и политичко ослободување,

[1784] АВИИ, Б... Ф. Трета армиска област, к. 61, Писмо на Ј. Бабунски, пов. бр. 4/297 од 21.1.1920; Картов, В. *Македонскиот народ и* ... : 286-287.

[1785] Поповић, Д. Ј. *О Цинцарима*... : 277.

македонскиот народ ги даваше своите драгоцени животи за тоа да потпадне во канџите на бугарскиот и српскиот капитализам... Требаше да се запали Европа, требаше да се почувствува владеењето на бугарскиот и српскиот капитализам, па **Македонците** да почнат поживо да се будат и да отфрлат секаква шовинистичка пропаганда. Со радост констатираме дека **македонскиот народ** сестрано ја прифаќа идејата дека неговиот став лежи во организциите на интернационлниот пролетеријат, кој единствено е во можност да ги израмни сите национални диференцијации и да создаде општество на трудот.“[1786]

1920 год. Весник *Работнически весник*, Бугарија. „Изборната победа што ја извојува нашата братска партија во Југославија е од големо значење за Македонија... Овој настан е вистински пораз не само за југословенската туку и за бугарската буржоазија која аспирира на Македонија... **Македонскиот народ** го пронајде единствениот вистински пат кон своето ослободување, обединување и независност; тоа е патот на комунизмот по кој го води Комунистичката партија во заедница со целиот свесен и борбен балкански пролетаријат.“[1787]

1920 год. Зборник за походите и борбите на Виртенбершката планинска артилерија од Првата светска војна, Германија. „Србохрватите, повеќе од 8 милиони заедно... како племе се религиозно доста изделени... Бугарите, околу 5 милиони, се од финско-уралско потекло и се од православна вера... Понатаму за спомнување се жителите на Средна Македонија кои себеси се викаат **Македонци** и не сакаат да бидат поврзани или изедначени со ниедно од другите словенски племиња... Религиозната вера игра, како што често видовме при нашата обиколка низ Србија и Македонија, голема улога во запазувањето на народноста.“[1788]

1920 год. Италијнско пратеништво во Берлин, Италија. „Г. Точков[1789] не се согласува со актуелната бугарска Влада склон кон склучување договор со белградската. Г. Точков смета дека не треба да се штедат напори за да се

[1786] *Документи за борбата*..., том 2: 84.

[1787] *Историска вистина*. Култура. Скопје, 1981: 59-60; *Работнически вестник*, бр. 65. София, 23.9.1920.


[1788] Ошлис, В. *Гермакедонија*... : 31-32; *Die württtembergische Gebirgs-Artillerie im Weltkrieg 1915-18*. Stuttgart, 1920: 22.

[1789] д-р Димитар Точков, член на Македонскиот централен комитет, соработник на Александар Протогеров.

спречи Југославија да владее на Балканот... Тој смета дека **Македонците** ќе можат да бидат многу полезни за Италија при организирање на Албанија.“[1790]

1920-ти год. Етнографска карта, Австрија.





Етничка и јазична карта на Балканскиот Полуостров издадена во Лајпциг во 20-тите или 30-тите години од XX век на којашто се прикажани Македонците како посебен словенски народ.[1792]

[1790] *Италијански дипломатски документи за Македонија*, том 1, книга 1. ДАРМ. Скопје, 2001: 142-143; ДАРМ Скопје, КС 21, ИДА МНРИ, папка 908 (Бугарија 1919 - 30), предмет бр. 9, превод од италијански. Амбасада на Италија, Берлин, бр. 2122/972, 21.10.1920.

[1792] *Völker - und Sprachenkarte der Balkan - Haibinsel*. Leipzig (192? – 193?).

1920 год. Главен штаб на Италијанската кралска војска, Италија. „Предмет: Македонски иредентизам и неговите контакти со Албанците.

Од непосредни веродостојни извори на 29 ноември сме известени: Програмата на 'Внатрешната револуционерна организација' во Македонија особено во српскиот дел, врши тајна пропаганда и организациона дејност.

Незначително малцинство се одвои од 'Организацијата' и во полза на Југослвија се залага за федералиситичка идеја и за создавање автономна српска Македонија под југословенско влијание; меѓу пропагаторите на таквата идеја се споменува името на **Македонците** Никола Ризов и д-р Бурев ...

Без сомнение, **Македонците** имат намера во Албанија,поточно во Елбасан, да воспостават „западно седиште на Внатрешната македонска револуционерна организција..."[1793]

1921 год. Трифун Греков.[1798] Греков поднел петиција по македонското прашање на секретарот на Друштвото на народите Хелмер Ростинг.

„За секого кој ја познава Македонија и апетите на балканските држави нема да биде тешко да се сфати дека за таму ние го бараме следното решение: *Издигнување на Македонија во една независна држава, со што ќе се стави крај еднаш засекогаш на раздвоеноста меѓу балканските држави, бидејќи со тоа ќе се престане* ***македонскиот народ*** *да биде објект на комерцијални спогодби меѓу сите своите соседи*."[1799]

1921 год. Италијанско пратеништво во Букурешт, Италија. „Бугарите се надеваат дека ќе ја преземат контролата врз цела Македонија и на крајот тие да станат водечки народ на јужните Словени. Во Србија добро ја разбраа оваа бугарска тенденција и постои длабока недоверба. Новото Југословенско Кралство веќе има премногу потешкотии со напорите за реорганизација и асимилирање на своите народи со толку различни цивилизации. Влегувањето

[1793] Истото, 145 (стр. дов. инф. бр. 468, Главен шатб на Кралската војска, Опертивен оддел - Оддел 1, Рим, 6.12.1920), ДА МНРИ, папка 691 (Албанија, 1919 - 30); ДАРМ, КС 21, п. 691, предмет 9, превод од италијански јазик.

[1798] д-р Трифун Греков(ски), македонски лекар во Швајцарија, член на Меѓународното биро за правата на народите за правата за народите и секретар на комисијата за Македонија. Бил член и претставник на македонските студенти во Швајцарија. Подоцна, Т. Грековски долги години работел како лекар во Гевгелија. Починал 1972 год.

[1799] Кушевски, В. „Обидите за поставување на македонското прашање во Друштвото на народите во 1920 - 1921". *Историја*, 2. Скопје, 1967: 59.

на Бугарите во оваа сè уште аморфна маса судбоносно би водело кон отцепување или целосно потиснување на Хрватите и Словенците, но дали потоа Србите би можеле да им даваат отпор на Бугарите и **Македонците**? Мислам дека никој во Србија не може да си прави илузии дека може навистина да создаде држава која би се протегала од Кварнер до Црното Море.“[1800]

1921 год. Началник на Брегалничкиот Округ, Кралство СХС/Југославија. „Во осмокласната гимназија во Штип има по само 2-3 професори Срби, додека сите останати професори се повеќе емигранти Руси кои не го знаат добро српскиот јазик, па затоа од нивните предавања ја нема онаа национална корист која би се постигнала да се наставниците само Срби, од чија уста би се слушал само чист српски говор, со кое природно би се искоренило и **македонското наречје** кај учениците. Поради тоа, овде е сосема обично учениците од вишите класови да не знаат и да не зборуваат чисто српски, а веќе по улиците сите зборуваат **македонски**.“[1801]

1921 год. Боривоје Милојевиќ, Кралство СХС/Југославија. „Мухамеданците, и Арнаути и Турци, ги прогонувале христијаните, главно, **Словените**, кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век за време на владеењето на Али-паша Јанински, **за време на Македонското востание 1903 год.**, и за време на Балканските војни во 1912 год...“[1802]

1921 год. Сима Марковиќ.[1803] Говор во Народното собрание на Кралството СХС по повод поддршката на Македонците дадена на изборите кон КПЈ: „Ниту тепањето со стап ниту претепувањата и убивањата, особено во **Македонија**, не го спречија **македонскиот народ** преку гласање да ги манифестира својата национална свест, индивидуалност и идентитет...“[1804]

[1800] *Италијански дипломатски* ... : 160 (Кралско пратеништво на Италија - Букурешт, телеграма бр. 3106/819, 29.11.1921, ДАРМ, ИДА, МНРИ, папка 909 (Бугарија, 1919 - 30), КС 35, превод од италијански.


[1801] Картов, В. „Специфичните особености на просветната политика на владеачките режими на Кралството СХС, односно Југославија спрема македонскиот народ (1918 - 1941)“. *Историја*, 1. Скопје, 1975: 95 (АЈ, фонд, МПКЈ, фас. 20, АЕ 48, док. бр. 877, 11.5.1921).

[1802] Милојевић, Б. Јужна Македонија, „Насеља и порекло становништва“ (књига 11). *Српски етнографски зборник* (књига XXI). Београд, 1921: 11.

[1803] Сима Марковиќ - секретар на КПЈ.

[1804] Цветковска, Н. - Карапеева, В. *Манифестациите ...:* 304; *Стенографске белешке Народне скупштине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца*. Редова сазив за 1921/22 год., I књига. Београд, 1922: 17.

1921 год. Етјен Бурне, Франција. Авторот пишува за неговите сеќавања како учесник на Источниот (Македонскиот) фронт 1916 - 1917: „Еден преведувач на армијата, црногорски граѓанин, ми ја даде неговата теорија за **македонскиот народ.** Тој се враќа на словенските преселби во IX век. Македонската земја врз овие населенија има еден заеднички белег со локални варијанти. За да ги придобие, на една европска сила би ѝ биле доволни 20 години. Ослободени од Турците, кои ги држеа во покорност приграбувајќи ја добрата земја, тие сега бараат само да бидат управувани од една богата заштитничка која ќе донесе пари. Тој можеби има право. Во Долна Македонија, најмалку, кога прашуваш едно дете од улица: *Што си ти*? *Грк*? *Србин*? *Бугарин*? - тоа одговара гордо како Александар: ***Јас сум Македонец***!“[1805]


EDMOND BOUCHÉ DE BELLE

LA

MACÉDOINE

ET

LES MACÉDONIENS


Préface de JACQUES BAINVILLE

LIBRAIRIE ARMAND COLIN

103, Boulevard Saint-Michel, PARIS

1922

[1805] https://мна.мкд/wp-content/uploads/1921_etienne-burnet-la-tour-blanche-armee-dorient-1916-1917-p80-81-paris-n-607x1024.jpg.



80 LA TOUR BLANCHE

aurait laissés traîner, détendus. Ce sont les tranchées.

Rien ne bouge. C'est la ligne terrible et insaisissable qui sépare les deux armées.

Nous sommes si haut que nous avons dans les yeux plus de ciel que de terre. Il faut faire un effort, baisser la tête, pour regarder le fond.

Le soleil flamboie. Le silence est solennel. On a à peine à s'arracher de là.

A l'Est, les cimes neigeuses du Dobropolié rosissent sous les derniers rayons du soleil.

Cegel.

Cegel est un nom sur la carte. Mais Cegel même ne figure pas sur le terrain ; depuis les guerres balkaniques, sans doute. Cegel est un village de la Macédoine serbe où il n'y a plus une seule maison, un seul habitant.

En comparaison, Polok est une capitale : Polok a trois maisons debout et dix par terre.

Un interprète de l'armée, — citoyen monténégrin — me donne sa théorie du peuple macédonien. Il remonte aux migrations slaves du IXe siècle. La terre de Macédoine a mis sur ces populations une empreinte commune, avec des variantes locales. Pour les *avoir*, il suffirait de vingt ans à une puissance européenne. Delivrés des Turcs, qui les ont tenus en servitude en accaparant les bonnes terres, ils ne demandent maintenant qu'à être administrés par une protectrice riche qui apporterait de l'argent.

Il a peut-être raison. Dans la basse Macédoine, tout au moins, quand on demande à un gosse de la rue : « Qu'est-ce que tu es ? Grec ? Serbe ? Bulgare ? » il répond, fier comme Alexandre : « Je suis Macédonien ! »

DANS LA BOUCLE DE LA CERNA 81

8 mai.

Veillée d'offensive. Nous l'avons passée à deviser.

Il y avait là Huvelin, qui fut dans sa vie d'avant-guerre membre de l'Ecole d'Athènes ; un vétéran du Maroc, Herbaut ; un médecin serbe, Mitrovitch, et un capitaine russe qui rejoignait sa ligne, Klopof.

J'ai noté exactement nos paroles. Je les conserve telles quelles.

Je répétais à Huvelin les propos de l'interprète de Polok. — Les immigrés de Macédoine, dit-il, sont de trois provenances, à peu près équivalentes : du Caucase, des régions de Pergame et de Smyrne, et de Thrace. Comme cette Macédoine reste primitive ! Les Grecs n'y cultivent pas la terre, eux qui la cultivent si bien en Thessalie.

— Où en est-elle, la Grèce ?

— On ne sait pas encore. Mais il y a un homme. Venizelos. Savez-vous ce que le ministre de France dit de lui ? « C'est un saint Paul. »

On parla de la révolution russe. Klopof craignait la dissolution de l'armée.

Страници од Дневникот на Етјен Бурне објавен 1921 год.

1921 год. Македонци - емигранти во Бугарија, Италија - Бугарија.

„До претседателот на Министерскиот совет - Рим,

Додека ние **Македонците**, иселени или избегани во Бугарија, во меморандумите и барањата упатени до владите на парламентите на големите цивилизирани нации и до Друштвото на народите ги изнесувме нашите маки и тие на нашата несреќна татковина Македонија и се заземаме за создавање автономна македонска држава под покровителство на Друштвото на народите или некоја друга голема сила која ќе ја определи, положбата таму станува сè понеиздржлива и сега до нас стигнува одглас од нови маки и нови ужаси.“[1806]

1921 год. Божил Рајнов, Бугарија.[1807] „И сега **Македонците** нека се покажат достојни и вистински синови што можат и треба да ги зачуваат светите завети на своите учители и просветители... Никогаш немало толку погоден,

[1806] *Итлијански дипломтски документи за Македонија*, том 1, книга 1: 148.

[1807] Бугарин од Котел, некогашен директор на солунската егзархиска гимназија.

неопходен и наложителен момент за пишување, читање и зборување на **македонскиот дијалект** како денешниов. Единствена надеж на **Македонците** за обединување и автономност се состои во строгото пазење на јазикот - во ништо друго. Да не се зборува дека и мали и големи словенски народности си го зачуваа своето име и правото за одделно постоење само преку својот јазик и бит. Такви се Чесите и Словаците, Русите и Украинците, Србите и Хрвтите и др. Пишувајте го впрочем својот весник на **македонски јазик**!"[1808]

1922 год. Христо Татарчев. И навистина оваа организција[1809] подоцна се претвори како држава во држава. Таа пред општествената свест и пред дипломатскиот аеропаг ја изнесе **македонската ослободителна кауза**, нејзиното морално и политичко значење ја создаде историјата и традицијата на **македонскиот народ** и можеби епското Илинденско востание од 1903 година на овој поробен народ пак со голема сила ќе воскресне, зашто духот на паднатите борци уште живее во овој заборавен крај.[1810]

1922 год. Александар Стамболиски, Бугарија.[1811] „Еден ваш весник објави дека услов за добрите односи со вашата земја[1812] е ние да се откажеме од Македонија. Од 1918 година наваму никој и не зборува за Македонија, ние не сакаме војна со вас... Ние не зборуваме и не мислиме за Македонија. **Македонците** сами си мислат за Македонија. Тие се и против нас и против вас. Кога ќе ја земате Македонија, земете ги и **Македонците**. **Македонците се словенски Ирци**. Мене и кога би ми ја понудиле Македонија, јас не би ја примил. Направете **Македонците** да бидат ваши лојални и чесни граѓани."[1813]

1922 год. *Њу л'рнд хистори*, Етнографска карта: распоредот на националностите во Југоисточна Европа, Велика Британија.

[1808] Ристовски, Б. *Историја на македонската нација*, 536-537.

[1809] Се однесува на МРО.

[1810] *Спомени: И. Х. Николов* ... : 345.

[1811] Александр Стамболиски (1879 - 1923), премиер на Бугарија од 1919 - 1923 год.

[1812] Се мисли на Кралството СХС.

[1813] Avramovski, Ž. „O stavu jugoslovenske vlade prem devetojunskom prevrtu u Bugrskoj 1923 godine: Istorija XX vek". *Zbornik radova*, t. IX. Beograd, 1968: 140; *Сведоштва* ... : 241.



Етнографска карта на националности од Југоисточна Европа во чијашто легенда во групата „Словени“ се прикажани Русите, Полјаците, Чехословаците, Србо-Хравтите и „Македонските Словени“, додека Бугарите се претставени како „Славо-монголски Бугари“.[1814]

1922 год. Херман Вендел, Германија.[1818]

Херман Вендел во Ресен, 1920-тата... Рој момчиња околу авто-мобилот...

- *Добро, што си ти*? - запрашав едно од нив. Тој погледна срамежливо и неразбиливо.

- *Тој е Турчин* - викна хорот.


- *Аха*? (до хорот) *А Вие*?

[1814] *The new larned history*, vol. I. - A, to BALK., C. A. Nichols publishing, 1922.

[1818] Херман Вендел (1884 - 1936) е германски историчар, политичар публицист и патописец.

- ***Македонци***! - испукаа, како од пушка.“

На прашањето од патописецот „што се“ одговорот бил: „**Македонци**!“[1819]



Kreuz und quer durch den slawischen Süden

Von Marburg bis Monastir – Von Belgrad bis Buccari – Krainer Tage

Von

Hermann Wendel

Alle Reisen der Welt existieren nur für den, der sie selbst macht; für andere bleibt nur das, was man durch armselige Worte geben kann.
Knud Rasmussen

Nicht Reisebeschreibung, sondern das Erinnern an Lebensstunden.
Alfred Kerr

Frankfurter Societäts-Druckerei G. m. b. H., Abteilung Buchverlag
Frankfurt am Main
1922



— 95 —

Oede der Landschaft zwischen Skoplje und Prilep; darum schmeckt das Grün dieser Höhen wohlgefällig auf der Zunge; einmal schickt von Süden der blanke Spiegel des Prespasees Leuchtsignale zu uns hinauf.

Den bergab Gleitenden breitet eine Ebene, freundlich mit Mais und Tabak bebaut, die mütterlichen Arme entgegen. Cedomir steuert durch die grünen Gärten und weißen Häuser

Resen.

von Resen und hält zu Füßen einer kleinen Kirche mit seltsamem, offenem Glockenturm; sie lohnt das Anschauen, jawohl, Cedomir!

Schwärme von Buben um den Wagen.

„Na, was bist Du?“

Verständnisloses scheues Aufschauen.

„Er ist ein Türke!“ schreit der Chor.

„So? Und ihr?“

„Makedonier!“ schießt es wie aus der Pistole.

Der Herr Lehrer schlurrt neugierig herzu, eine ausgediente Militärmütze über faltig verkniffenem Gesicht; von den siebentausend Bewohnern Resens hält er ein Drittel für Mohammedaner, die übrigen für Slawen.

„*Zbogom, gospodine!*“

Херман Вендел во Прилеп во 1920 год.: „На мостот млади луѓе си играат, едниот не се срамеше запрашан:

- *Јас сум Србин*, *но они* (покажува на другите) *се* ***Македонци***.

- *Од каде си*?

- Од Ниш.“[1820]

1922 год. Едмонд Бушје де Бел, Франција. „Во книгата ***Македонија на Македонците*** за Македонците пишува: *Тоа е ’оспорувана‘ раса која себеси не се поистоветува ниту со Бугарите ниту со Србите.* ***Македонскиот проблем*** *не постои ниту од денес ниту од вчера. Македонија и*

[1819] https://мна.мкд/wp-content/uploads/2020/06/1922_Hermann-Wendel-Kreuz-und-quer-durch-den-slawischen-Suden.jpg.

[1820] https://мна.мкд/wp-content/uploads/1922_Hermann-Wendel-Kreuz-und-quer-durch-den-slawischen-Suden-02.jpg.

***Македонците** зад себе имаат долго минато, но тие нема да престанат да ја загрижуваат Европа...*

*...Прашајте го селанецот од околината на Острово или на Битола, што е? Во 90 проценти од случаите ќе ви одговори: '**МАКЕДОН'**. Затоа, добронамерниот набљудувач ќе го определува одделно ова население на кое, изгледа, најдобро би му одговарало просто името - **Македонци**."*[1821]

1923 год. Крсте Петков Мисирков. „**Македонска самобитна култура** имало и има, и таа била најсилно оружје **Македонците** да си го зачуваат денешниот културен облик и да ги преживеат сите превратности во историјата на нивната татковина; ниту Византија, ниту Бугарија, ниту Србија, ниту, пак, Турција можеле да внесат некакви промени во карактерот на **Македонците** од таква природа што да ја убијат во нив индивидуалноста и да ги оддалечат од нивните словенски прадедовци..."[1822]

1923 год. Димитрија Чуповски. РЕВОЛУЦИОНЕРНА МАКЕДОНИЈА ЧЕКА ПОДДРШКА ВО СВОЈАТА БОРБА (писмо до редакцијата).

Во весниците пак почнаа да одблеснуваат вести од Балканскиот Полуостров што ја отцртуваат неподносливата положба во која се наоѓа сега нашата таковина Македонија, растргнувана од канџите на поробувачите што ја раскинаа на делови како резултат од братоубиствените војни во 1912 - 13 и во 1914 - 18 година меѓу Србија, Грција и Бугарија.

Меѓутоа, овојпат редум со соопштенијата што ни ја возбудуваат крвта за белиот терор, спроведуван спрема **Македонците** од страна на Југославија и Грција, наоѓаме и вести што разбудуваат во нас чувства за надеж и што ни влеваат во жилите бодрост. Ние знаеме дека одново започна борбата за независност на Македонија, одново се разнесоа гласовите за ослободување на угнетената земја и како посериозен доказ за правината и за неодложноста за разрешување на македонското прашање одново зовреа судирите на хероите - четници со грубата воена сила на заграбувачите.

Во југословенската Скупштина се истакнуваат барања за македонска слобода; во Романија, Бугарија, Австрија и на други места македонските емигранти ги обновија своите револуционерни комитети и се обраќаат кон општественото мнение и кон владите во Европа со барање за давање независност на Македонија... Во телеграмите се соопштува дека нападите на **македонските четници** се одбиваат од српските и бугарските војски (кај

[1821] https://мна.мкд/wp-content/uploads/1915-1918-1922_Edmond-Bouchie-de-Belle-La-Macedoine-Et-Les-Macedoniens-Paris.jpg.

[1822] Мисирковъ, К. „Македонска култура". *Пиринъ*, I, 2. София, 21.10.1923: 2.

Цариброд, весник *Правда* од 10 март). Со тоа се потврдува справедливоста на тврдењата на **македонските автономисти** за тоа дека „**македонското дело** не е ни српско ни бугарско дело, туку чисто македонско... “[1823]



Печат на Македонското студентско друштво во Берлин од 1923 год.

1923 год. Македонец. „Сметајќи се за **Македонец** и како таков не испуштајќи ги непрочитани весниците, органи на двете македонски организации, со незадоволство Ви го обрнувам вниманието г-не Претседателе на следново: на многу места во весниците се среќавав со зборот ’Бугари во Македонија‘ или ’македонски Бугари‘. Следејќи ги настаните од пред војните, во времето на војните и од времето кога се создаде Егзархијата, дојдов до заклучок дека сите страдања и причините за да не можеме да се здобиеме со слобода на нашата измачена татковина е што прво, покрај тоа што имаме разлика со Царството Бугарија и второ, имајќи потреба од таква различност, изјвувам дека ние **Македонците** во минатото сме правеле грешки за извојување на слободата, а во последно време некои од тие грешки се премавнати, но главната уште не е премавната, а името ’Бугари‘ не би требало никако и никаде да се спомнува тој збор и дека не сме никакви Бугари, можеме со гордост да се наречеме **’македонски Словени‘.** Исто така, и за истепаните во с. Грван (Радовишко) 22 души невини селани се наречуват ’Бугари‘, кога всушност сите беа **македонски Словени**.

[1823] Ристовски, Б. „Статија на Д. Чуповски за Македонија од 1923 година“. *Историја*, 2. Скопје, 1971: 180-184; (текст во ракопис: „Революционная Македония ждет поддержи в своей борьбе“, превземен од Блаже Ристовски при неговите истражувања од личната архива на Димитрија Чуповски во СССР).

Повторно Ви обрнувам внимние г-не Претседателе дека додека се спомнува овој збор 'Бугари' никако нема да видиме слобода на нашата многустрадална земја Македонија.

На ова да му се даде гласност уште во следниот број на весникот во органот на Македонскта емиграција.

Сметајќи дека ќе го земете под внимание горното, останувам со почит: ***Македонец***.**"**[1824]

1923 год. Македонец со иницијали С. Т. во весникот *Народно јединство*. „Какви се ослободителите? Еве им фотографија (слика - заб. Б.С.) напишана според еден Македонец во дописот од Скопје од 15 декември 1923 год., објавена во загребскиот *Хрват* на 22 декември о.г. дописот гласи:

...Сметам за потребно да нагласам дека ние **Македонците** ужасно многу и премногу страдаме од разбеснетиот милитаристичко-шовинистичкиот и џандарски Белград. А тоа ќе го докажам со непобитни факти, коишто воопшто не говорат во прилог на Србите и нивната 'ослободителна' мисија, а можам уште да докажам дека ние **Македонците** за време на турското ропство до 1912 година имавме многу повеќе слобода отколку денес. Оттаму и комитското движење кое постои во Македонија, уште пред 40 години; **оттаму и фанатизмот на нас Македонците за автономна Македонија**, којашто идеја со години го хранела идеализмот на нашето население, која имаше и виден израз во Илинденското востание во 1903 година..."[1825]

1923 год. Весник *Рекордер*, Австралија. Насловот „**Бугарите** иритирани од **Македонците**" ни дава интересни податоци за политчките релации на Балканот, но и тешката позиција во која се наоѓале **Македонците** поделени на неколку држави. Дописникот на *Тајмс* во Софија вели дека се заканува војна во аграрните македонски области.[1826] **Македонците** целосно ја узурпирале власта на бугарската Влада во Петричко-неврокопската Област, одаочувајќи ги луѓето за да обезбедат муниција за војна.

Владата уапсила бројни **Македонци** и наредила општа земјоделска[1827] мобилизација. Дваесет илјади од нив наскоро ќе бидат повикани во Софија.

[1824] Ристовски, Б. *Историја на македонската нација*, 543-544; Жежов, Н. *Македонското прашање во југословенско-бугарските дипломатски односи (1918 - 1941)*. Скопје, 2008: 229-230; ДАРМ, фонд МНК, кут. 4, Писмо до господинъ Претседателя на Националния Комитетъ на Македонската емиграция, 1-2.

[1825] Macedonia: a True Endless Story…; *Narodno jedinstvo*, 48. Zagreb, 1.12.1923: 1-12.

[1826] Се мисли на пиринскиот дел од Македонија кој во тој период потпаднал под бугарска власт.

[1827] Се однесува на членовите и приврзаниците на Бугарскиот земјоделски народен сојуз.

Малата доброволна армија што Бугарија ја поседува е тренирана исклучиво за акција против **Македонците**.

Мур Афиев,[1828] воен министер, изјавил: *Тие можат да ме убијат мене и други членови на Партијата, но нема да ја сменат нашата политика - еднаш засекогаш да им се стави крај на сите **македонски нарушувачи на мирот**...*“[1829]

1923 год. А. Андријевиќ, Кралство СХС/Југославија. „Кога, пак, Турците загосподариле и ги избришаа сите етнички имиња: Грк, Србин, Бугарин, ’струмичаните‘, како и останатите **Македонци** постанаа само ’кристијани - христијани‘... Што е сега?[1830] Еве како тоа изгледа на дело:

- *Вие секако сте Србин*? - го прашувам јас еден парничар во судот.
- *Е так сад. Кад беху тука Бугари, аз бех Бугарин. Станаше Срби, аз сам Србин, ама крстијанин сам*...

  И на еден таков одговор му додадов на прашаниот.
- *Вие сакате да сте поблиски кон Грците*?
- *Е не, џанум, Грк је нешчо друго аз сам **Македонац*** - побрза да ми одврати.

И кога така кажува дека е **Македонец**, а тоа најпрвин и најчесто ќе го слушате, струмичанецот смета дека со тоа си угодил за себе и за вас; и не ве оддалечил од себе и останал во својата куќа, свесен дека зборот **Македонец** нема етнички да го однесе ни кон Србите ни кон Бугарите.

Најпосле за да ве смири ќе ви рече: *Вие таму во Србија, оние во Бугарија и ние тука сме еден народ*.

Ете таква е денеска концепсијата на струмичанецот во неговата националност. Него со векови го спуштале и подигнувале морално различни нациии и го крштевале како на која ѝ требало, така што сега во својата нова држава тој создава самиот на себеси поим за својата народност и во ова време на силно племенско и верско групирање тој сака да остане само во својот дом, во својата Македонија, и арогантно, многу арогантно ќе побрза да ви рече: ***аз сам Македонац***.


На тој терен тој останува со задоволство, свесен за сѐ што се случувало со него во минатото, но многу неизвесено што ќе се случува во иднина...“[1831]

[1828] Константин Муравјев.

[1829] *Македонија* ... : 86-87; „Бугарите иритирани од Македонците: Борба за завршување на предвиденото“. *Рекордер*. Порт Пири, 15.5.1923: 1.

[1830] Се мисли на 1923 година и нешто пред тоа.

[1831] Андријевић, А. *Струмица земља и народ*. Ниш, 1923: 33-37.



АРХИВ НА СКОПЈЕ
Сиг. А II 1.1
Инв. бр. 2771
Стр. 224
Цена

А. АНДРИЈЕВИЋ

АРХИВ НА СК...
БИБЛИОТ...

СТРУМИЦА.

ЗЕМЉА И НАРОД.

Цена 6 дин.

И један такав одговор додадох упитаноме:

„Ви хоћете да сте ближе Грцима".

— „Е не, џанум, Грк је нешчо друго аз сам Македонац" — похитао је да ми одврати. И када тако каже да је Македонац, а то ћете и понајпре и понајчешће чути, Струмичанин сматра да је тиме угодио и себи и вама; и није вас удалио од себе и остао је код своје куће, свестан да га реч „Македонац" неће етнички одвести ни у Србе ни у Бугаре.

Најзад да би вас измирио идејно, рећи ће вам: „ви тамо у Србији, они у Бугарској и ми тука сите смо един народ".

Ето таква је данас концепција Струмичанина о његовој националности. Њега су вековима пуштале и дизале морално разне нације и крстиле како је којој требало, тако да сада у новој својој држави, он ствара сам себи појам о својој народности и у ово доба јаког груписања племенског и верског, он жели да остане само код своје куће, у својој Македонији, и охоло, врло охоло похитаће да вам рече: „аз сам Македонац".

Првата и дел од 36-тата стрница на книгата од А. Андријевиќ

1923 год. Весник *Рајхспост*, Австрија. Во интервјуто за новинарот на овој весник,Тодор Александров, на неполна година пред неговото убиство, за македонскиот народ се изразува со термини и ставови препознатливи за Македонците, преродбеници од 70-тите години на XIX век, кои Бугарите ги нарекувале „македонисти“: „Страшните услови предизвикани од неопишаниот терор на српските и грчките власти ме убедија дека македонскиот народ само со самостојна борба би можел да се ослободи од оваа положба и тоа само преку една силна борбена организација... Уште за време на мојот прв престој во Македонија ми успеа да создадам густа мрежа организации, во чии редови се вбројуваат не само **Македонци** туку и други малцинства, како Турци, Албанци, Романци и дури и Грци. Локални Срби во Македонија воопшто и нема... Целиот народ, сите **Македонци**, се мои војници, додека јас сум првиот од истите во борбата. Тврдењето на Србите дека македонските банди се обучуваат во Бугарија и ги преминуваат границите е само една легенда. Сите ние кои сме родени во земјата на Александар Велики, на Кирил и Методиј и на св. Климент сме едни по крв и месо. Нашите стремежи можат да се сумираат во следните зборови: ’Слобода или смрт!‘ Вистина е кога велам дека не постои никаква моќ на земјата која може да ја уништи нашата Организација, без притоа да се доведе во опсност да искрвари...“ [1836]

1923 год. Стратис Миривилис, Грција.[1837] „Во неговото списание *Камбана* авторот објавил текст кој подоцна станал дел од неговата книга. Во него можеме да забележиме дека луѓето во делови од Македонија кои влегле во рамките на грчката држава ’не сакале да бидат ниту *Бугари*, ниту *Срби*, ниту *Грци*‘. Единствено **православни Македонци**.“[1838]

1923 год. Италијанско пратеништво во Софија, Италија. Во Бугарија живеат околу **300 000 македонски емигранти**, тесно организирани во друштва кои ги нарекуваат според местото на потеклото на членовите...

Македонците се надеваа дека на Парискатa мировна конференција ќе ја добијат бараната автономија врз основа на проучените 14 точки на Вилсон, но надежите пропаднаа заради француското спротивставување, додека САД и Италија се искажаа позитивно...

[1836] *Македонија во* ... : 176-179; „Разговор со водачот на бунтовниците“. *Рајхспост*. Виена, 26.1.1924: 501.

[1837] Виден грчки интелектуалец кој на островот Митилини издавал списание *Камбана*, кое излегувало од печат две години во 1923 и 1924 год.

[1838] Јовановски, Д. „Пред Коминтерната“... : 87; Καμπανα, 25 σεπτεμβης 1923, χρ. Α. Αρ. 27, 4.

Стамболиски веднаш го искажа своето спротивставување и успеа да го затвори Александров, кој, пак, успеа да избега. Потоа воениот министер Димитров се обиде да внесе расцеп меѓу **Македонците** и испрати емисари за да го убијат Александров, но одговорот на **Македонците** беше поостар од кога и да е, бидејќи самиот министер малку подоцна беше убиен.

Распростртетоста, силата и власта која ги постигна Организацијата, благодрение на железната дисциплина, сериозно ја згарижуваат и југословенската Влада, која при секој обид или сомнеж врши масовни стрелања, зголемувајќи го духот на жртвување и ентузијазмот кај **Македонците**...[1839]

1923 год. Енрико Телини, Италија.[1840] „При карактеризирањето на овие села[1841] намерно го користев општиот апелатив ’**македонски**‘, а не ’бугарски‘, бидејќи насекаде каде што жителите ги прашував за нивната националност, сите тие еднакво одговараа со зборот **Македон** и кога ќе додадев Бугар?, тие пак одговараа **Македон.**[1842] Јазикот кој тие го говорат во семејството и кој, освен занемарливи исклучоци, е единствениот кој тие го разбираат, е тој што е познат под името **македонско наречје** и кој, како што тврдат компетентните, има извесна блискост (сродност) со бугарското население. Но дали станува збор за вистинските Бугари не е лесно да се каже. Сега преминувам да одговораам на прашањта поставени во врска со овие села кои сите ги посетив.

Бројот на куќи во секое село (потцртани со црвено на скицата) е приближно следен (бројот на населението не може да се прибере): Љубаниште - 15 куќи, **македонски селани** кои обработуваат чифлици кај албанските бегови; Конско - 7; Безиниште - 40; Горица - 30; Гломбок - 32; Сулим - **30**; **Љсика - 10**; Црновча - 10 куќи, бедни села на западниот брег од Преспанското Езеро населено со **македонски селани,** кои, главно, работат на

[1839] Истото, 211-212. Кралско пратеништво во Софија до Н.Е Б. Мусолини, министер за надворешни работи, Рим, бр. 711/173. Софија, 16.4.1923.

[1840] Енрико Телини, италијански генерал, член на Меѓународната комисија која работела на разграничувањето меѓу Грција и Албанија. За неговите сознанија од теренот за постоење Македонците во Мала Преспа поднел извештај до италијанскиот министер за надворешни работи на Италија.

[1841] Се мисли на 18 села во областа Мала Преспа кои денес се наоѓаат во границите на Р Албанија.

[1842] ДАРМ, Скопје, Италијанска државна архива МНРИ, папка 712 (Албанија 1919 - 30), КС 21, бр. 3; Ристовски, Б. *Македонската нација*. Мисла. Скопје, 1983: 36-37.

имотите кај албнските бегови, а делумно своја земја; Рахова - 53; Гразден - 55 куќи, во основа **македонски села**, но каде што училиштата и грчкото влијание имаат значајно влинаие, така што тие сега се сметаат предимно грчки; Цер -10 куќи; Трахово - 12 куќи, бедни села во видот на осумте на западниот брег од Преспанско Езеро; Врник - 30 куќи, албанското и грчкото влијание се наметнаа на **првобитниот македонски карактер**; Лабиница - 90; Костенец - 110; Пеликат - 73; Слимица - 75 куќи, како за претходните две на полуостровот Сува Гора, грчкото влијание преовлдува над **првобитната македонска основа**.[1843]

1923 год. Италијански висок комесар во Цариград, Италија. „Предмет: Бугарски села во Албанија.

Во врска со мојот акт бр. 4337/616 од 15 апр о.г. и телеграма бр. 236237/258 од 22 август о.г. Министерството, чест ми е да ја известам В.Е. дека со посредство на кр. воен аташе на ген. Марков[1844] му ги пренесов информациите кои тој ги побарал во врска со бугарските села на албанската територија.

Според моите упатства, кр. (кралевско) воено аташе усмено ги дал бараните информации за да избегне на генералот Марков да му остави примерок или изводи од документите кои ги добив од Министерството. Истакна дека селата за кои наведениот генерал се интересира и од самите жители се нарекуваат ***македонски***, а не *бугарски*.“[1845]

1923 год. Италијанско Министерство за колонии, Италија. „Бугарите и **Македонците** кои живеат во Виена или кои пристигнале деновиве се уверени дека комунистичкото движење во Бугарија е резултат на договорот меѓу Југославија и Советите...

Што се однесува на симпатиите на Италија и сиот италијански народ за **Македонците**, Црногорците и Бугарите, тие се толку познати и толку дамнешни, што би било излишно да се повторуваат изјвите во врска со тоа...“[1846]

[1843] Истото, 228-234; Кралско пратеништво на Италија во Драч, бр. 1327/225, 02.08.1923, ИД МНРИ, папка 712 (Албанија 1919 - 30); ДАРМ, КС 35.

[1844] Марков, бугарски генерал.

[1845] Истото, 258-260. Високиот комесар, бр. 106281/1461, Цариград, 18.9.1923, ИД МНРИ, папка 712 (Албанија 1919 - 30); ДРМ, КС 21, п. 712, предмет бр. 3.

[1846] Истото, 268-273; Министерство за колонии, Кабинет на министерот, Рим 12.10.1923, Кордо Soли.



Пропагандна поштенска марка со мотив на географски приказ на Македонија издадена од македонските студентски друштва во туѓина 1923 год.

1924 год. Илинденска организација.[1847]

„1) Дека македонската емиграција добила само гостопримство во Бугарија и не може да оди по политичките задачи на бугарската држава ниту да дава жртви во име на бугарските државни интереси.

2) Меѓу бугарскиот државен патриотизам и македонскиот патриотизам не само што нема ништо заедничко туку се и во директна спротивност.

3) Македонското население треба да биде третирано не како дел од бугарската држава, туку како политички независен елемент.“[1848]

1924 год. Весник *Време*, Кралство СХС/Југославија. „Стјепан Радиќ во својот договор за пристапување во болшевичката интренационала во своето писмо до секретарот на Интернационалата, Смирнов, под полниот потпис му изнесе ’дека селската и републиканска Хрвтска, која се создава со политичко дејствување на ХРСС, сака и понатаму да остане во Југославија, да ја претвори во федеративна селска република, да потоа таквата Југославија да поработи за јадранско-подунавска федерација на своите селански народи од чешките гори до Јадранското Море‘...

[1847] На одлуката на бугарската Влада да ги укине списнијата на организација, реакција на весникот „Илинден“ преку поднесениот Меморандум до бугарската Влада.

[1848] *Македонско дело*. София, бр. 10/1925.

Но тоа не е сè. Зарем Хрватската републиканска селанска странка не беше во договор со Косовскиот комитет и **Македонската револуционерна организација**. Тоа јасно се гледа од прогласот на бугарските комунисти, кој по повод убиството на Т. Алекснандров го објавија во софискиот весник *Независимост*, од кој го пренесуваме ова место: *Тешката борба која ја водат **албанскиот, македонскиот и хрватскиот народ** ги зближи тие народи во нивната национална и реолуционерна организација: Косовскиот комитет, **Македонската револуционерна организција**, Хрватската селанска републиканска странка и останатите помали организации. Тие организации долго се договараа за заедничка борба и на крајот се договорија*..."[1849]

1924 год. Александар Караѓорѓевиќ, Кралство СХС/Југославија.[1850] „Еден **Македонец** подеднакво лесно може да стане бугарски Македонец или српски Македонец."[1851]

1924 год. Коста Новаковиќ, Кралство СХС/Југославија.[1852] „Ние овде нема да зборуваме дали Македонија е српска или бугарска или грчка. Ние ја спомнуваме само официјалната статистика од 1921 година, која вели дека во Македонија под Југославија има: 100 000 Срби, 141 453 Турци; **165 704 муслимани (со словенско потекло);** 461 118 Арнути и **630 000 Македонци**.

А што се **Македонците** - тоа тие самите ќе го кажат кога ќе можат слободно да зборуваат и да се определуваат. Затоа нашата партија се бори за полно и неограничено право на самоопределување на **Македонците**. Зошто тоа прво не им го дадат и српските државници и српските владеачки кругови кога велат дека ѝ сакаат добро на Македонија? Да одговориме ние зошто!? Затоа што **Македонците** би одговориле дека под режимот на жилата и кундакот, под режимот на крвавиот терор каков што е заведен во Македонија не сакаат да живеат, дека сакаат Македонија да им припаѓа на **Македонците**.

Српската владеачка буржоазија се однесува кон **Македонците** како кон национално потчинет - поробен народ. Секој потчинет народ има своја должност да се бори за своето национално ослободување..."[1853]

[1849] „Споразуми Стјепана Радића". *Време*. Београд, 1.10.1924: 2.

[1850] Александар Караѓорѓевиќ - крал на Кралството СХС, подоцна на Кралството Југославија.

[1851] Џинго, Т. *Велика Британија* ... : 67.

[1852] Српски револуционер, член на ССП и на КПЈ.

[1853] Новаковиќ, К. *Македонија Македонцима! Земља земљорадницима!*. Чачак, 1966: 52; *Сведоштва за македонскиот идентитет*..., 253-254.

1924 год. Италијанско пратеништво во Софија, Италија. „За да се добие претстава за вриењето кое владее меѓу македонскиот елемент емигриран во Бугарија, доволно е да се наведе сензационалната изјава објавена во *Независна Македонија*, органот на емиграцијата: 'Македонија ќе се бори до крај. Македонските надежи лежат во нејзиниот борбен народ и во патриотскиот дух на емиграцијта. Овој народ нема да загине, тој ги поседува скапоцените квалитети од соседите, квалитети кои порано или подоцна ќе дадат резултат. Македонија, пред сè, ќе биде ослободена. **Македонскиот народ** со сета своја емиграција решил да се бори до крај за светата кауза на татковината и борбата ќе биде безмилосна. Или Македонија ќе биде слободна или пак борбата ќе станува сè покрвава, додека да ги урне позициите на новите балкански освојувачи'.

Овие изјави печатени со големи букви се предмет на живи коментари во сите политички кругови. Се претпоставува дека споменатите факти ќе ја заострат недовербата и предрасудите на Белград..."[1854]

1924 год. Комунистичка партија на Грција. „Конгресот ја прифати паролата што ја формулира VI и VII балканска конференциска федерација за **единствена и независна Македонија** како сосема правилна и револуционерна, образложувајќи го овој став со тоа дека поделбата на **Македонија** меѓу Југославија, Грција и Бугарија го јакнат уште повеќе копнежот на **Македонците** да ги обединат сите три дела од нивната распарчена татковина и да создадат **една Македонија - единствена и независна**..."[1855]

1924 год. Крсте Петков Мисирков. „Без правилно разрешување на македонското прашање нема да има мир меѓу Словените, на Балканот и во целиот свет. **Тоа ви го велиме ние Македонците, како Македонци, а не како Бугари, Власи, Турци или Албанци**...[1856]

1924 год. Крсте Петков Мисирков. „Има ли навистина македонска национална култура и **македонска национална историја** што би можеле да им бидат спротивствени на Србите и да го обосноват **македонскиот идеал за незвисна Македонија**?

[1854] Истото, 292. Доверлива телегрма бр. 152/38, Кралско пратеништво во Софија, 26.1.1924; ИДА МНРИ, п. 915 (Бугарија 1919 - 30), предмет бр. 3м.

[1855] Кирјазовски, Р. „Внатрешно-партиската дискусија во КПГ по македонското национално прашање меѓу III вонреден конгрес и III редовен конгрес на КПГ (март 1927)". *Историја*, 2. Скопје, 1973: 178-179; Rizospastis, 14.2.1927; истото, 6.2.1925; истото, 6.7.1925.

[1856] Мисирков, К. П. *Српските закани: Собрани дела*, III, 313.

За среќа, можеме да дадеме потврден одговор: да, **македонска култура** и **македонска национална историја**, одделни од оние на Србите и на Бугарите има, иако и едната и другата досега не биле предмет на беспристрасно изучување; Србите и Бугарите едностранo и со голема пристрасност го одобирале од **македонската култура** само она што го прославува нивното **национално име**, игнорирајќи прашања од капитална важност само затоа што не ги засегнуваат или им противречат на националните стремежи на одбирачите и на нивните соплеменици...

Велам, за среќа, **има македонска национална култура и историја**, зашто тој факт го наоружува **македонскиот народ** со непобедливо оружје во неговата борба за човечки права и за слободен национален живот како рамноправен член во бројот на културните народи.“[1857]

1924 год. Група македонски револуционери. Во некрологот издаден по повод убиството на македонскиот револуционер и деец Димо Х. Димов Аџијата, меѓу останатото, било запишано: „Тој го прежиевеа бранот на созревањето и на поразот на Илинденското востание. Сите горчини, сите маки, сите беди на својот народ тој ги носеше со себе. И заедно со илјадници како него на кои тој им беше учител и водач, Аџијата ја носеше идејата за ослободување на својот народ по пат на вооружена самостојна борба, по пат на револуционерна борба на целиот народ... **Македонија им припаѓа на Македонците кои имаат право на самостојно национално и политичко постоење**. Македонија не може да биде ниту на бугарските националисти, ниту на српските, ниту на грчките, Македонија треба да биде на **македонскиот народ**, кој заедно со сите револуционерни сили на Балканот ќе ја извојува со оружје во рака нејзината слобода. Ете таа голема идеја ја носеше во гради Аџијата и од нејзиното величие, а не од силата на нејзиниот носител; се уплашија оние што го окончаа неговиот живот - туѓите орудија, слуги на бугарскиот национализам, кој сакаше Македонија да не биде на **македонскиот народ**, туку на бугарската завојувачка боржоазија...

Македонскиот народ многу добро знае кого го загуби во лицето на Аџијата. Убијците историјата ќе ги овековечи како џелати на својот сопствен народ, како најопасни непријатели на македонската слобода, а на Димо ќе му подигне во своето срце споменик неразрушен од времето и вечноста, како на најпредан и најголем свој син.“[1858]

[1857] Мисирковъ, К. „Македонска култура“. *Мир*ъ, XXX, 7155. София, 19.4.1924: 1.

[1858] *Историска вистина*. Култура. Скопје, 1981: 65-66; Група македонски револуцинери. *Хаџијата Димо Хаџи Димов, некролог*, 1924.

1924 год. Арсени Јовков. „Додека улогата на политичките организации е да се остварат политички врски со други емиграции, со разните општествени сили во Европа, со разните културни институции и со одговорни политички фактори, улогата на културно-просветните македонски организации, по примерот на сите културни неполитички корпорации од светот, е да се популаризира во широките маси **македонската историја, македонскиот хероизам, македонското самосознание**...

Илинденските собранија кои се одржаа во цела Бугарија покажаа колку провинцијата имала потреба да го чуе **македонскиот збор**.“[1859]

1924 год. Трета Интернационала.

„ДОГОВОР НА БОЛШЕВИЦИТЕ СО **МАКЕДОНЦИТЕ**

Не само што ѝ дала инструкции на Комунистичката партија на Бугарија да се сокрие под името ’работничка партија‘, Третата интернационала им препорача на своите членови да влезат во која било од боржуарските партии за да можат да поттикнуваат недоразбирања во самите партии. Не само што таа ја зголеми пропагандата и продолжила да испраќа големи суми пари за поделување на можни револуционерни елементи, Третата интернационала си стави на себе задача и започнала да работи со цел да се договорат со **Македонците**. Сѐ до пред една година **Македонците** и комунистите беа во непријателство. Комунистите го помагаа Стамболиски кој беше главен непријател на **Македонците**, особено на автономистите, кои се најмоќен македонски елемент.“

„ПОМОШ НА МАКЕДОНИЈА САМО ОД РУСИЈА

Пред болшевиците стоеше тешка работа кои тие си ја поставија на себе да ја завршат. Но тие веќе пожнееја значаен успех. Тие вака работеа, им зборуваа на **Македонците**: ’Од каде ќе најдете помош во Европа, освен од Русија?‘ Некои **Македонци** се надеваа дека Италија ќе им помогне, но склученият италијанско-југословенски договор за Ријека ги растури тие надежи. Други **Македонци** веруваа дека Владата на професорот Цанков ќе им помогне посредно, ако не непосредно. И така наидоа на разочарување, бидејќи Бугарија сосема јасно покажа дека нема да ја прифати програмата и акцијата на македонските револуционери, и повеќе, дека ќе преземе мерки против нив со цел да го одржи мирот со Југославија. Ова е докажано со

[1859] Йовковъ, А. „Македонскитѣ организации“. *Пиринъ*, бр. 19. София, 17 февруари 1924, 1; *Сведоштва за мкедонскиот идентитет*..., 249.

апсењето во Бугарија на неколку стотини истакнати Македонци врз кои падна сомневањето дека работаа за спроведување на програмата на револуционерната организација. Однесувањето на бугарската Влада навистина беше такво што екстремните елементи во револуционерната организација беа отворено индигнирани и во неколку ситуации објавуваа прикриени закани против министерот за внатрешни работи (генерало Русев) и против министерот за надворешни работи (полковник Калфов).“[1860]

1924 год. Мајски манифест.

„МАНИФЕСТ

Кон **македонскиот народ**, кон организирното револуционерно население на Македонија и кон македонските револуционери.

Браќа Македонци!

Македонија во своите природни географски граници меѓу реката Места, планините Родопи, Рила и Шар, реката Дрим, Охридското Езеро, планината Грамос, реката Бистрица и Егејсото Море, со едно пространство од 65 000 квадратни километри, пресечена од реките Места, Струма, Вардар, Дрим, Бистрица и надредена со најразнобразни природни богатства и благопријатни климатски услов, со своето население од 2 302 000 души, разнообразно по својот етнографски состав, со својата централна економска и стратегиска положба на Балканот, меѓу басените на реките Дунав, Егејското Море и Јадрнското Море - ги има сите услови и права за самостојност, која ќе послужи како обединувачка, политичка и економска алка меѓу народите и државите на Балканскиот Полуостров.“[1861]

Вековните борби на македонското население против господството на неговата теорија од страна на едно племе и тиранијата спроведувана спрема другите племиња што ја населуваат Македонија, отпорот го покажа тоа спрема денационализаторската политика на државите што ја владееле Македонија или граничеле со неа; учеството на македонското население во сите востанија и револуционерни движења; содејството што непрекинливо, во сите војни на Балканот, им го даваше на земјите што се јавуваа да се борат за ослободување и самоопределување на балканските народи, е најочигледниот доказ за правата и свеста на **македонскиот народ** да биде една самостојна политичка единица на Балканот...

[1860] „Лондонски *Тајмс* о Радићу: Акција Треће интернационале на Балкану“. *Време*. Београд, 13.7.1924: 3.

[1861] *Документи за борбата...*, том 2: 88-89.

Долго време **македонскиот народ**, верувајќи во ослободителните стремежи на великите европски сили и малите балкански држави спрема Македонија, беше ги управил своите погледи и го очекуваше своето ослободување преку нивна интеграција. Сообразно со тоа, ВМРО ја беше насочила целата своја дејност да го издигне гласот на страдалниот македонски роб до ушите на идните свои ослободители... Примерот со создавањето на слободна Србија, Грција, Црна Гора и Бугарија беше привлечен и охрабрувачки... Дури ни Илинденското востание, најголемо и најмасовно движење, не можеше да смета дека ќе извојува слобода на Македонија, туку имаше за цел да му наложи на општоевропското јавно мислење и на меѓународната дипломатија разрешување на македонското прашање... Резултатите од европската интервенција по Илинденското востание, изразено во лицемерните реформи насочени повеќе да го заздравat и закрепнат турското владеење на Македонија отколку да ја родат нејзината слобода, го разочараа **македонскиот народ**... Балканската војна, која заврши со поделба на Македонија во Букурешт 1913 год., а по неа и општоевропската војна, со нејзините париски договори кои го раскинаа живото тело на Македонија и го поделија меѓу балканските држави што ја опкружуваа, дефинитивно ја убија верата на **македонскиот народ** во ослободителната мисија на интервенционистичката политика на големите европски и малите балкански држави...

Ниедна од владите на балканските држави не мисли за ослободувањето и обединувањето на раскинатите делови на Македонија; ниедна од нив не мисли и не дејствува за самоопределувањето на **македонскиот народ** во самостојна политичка единица, ниедна од нив не сака на поробените **Македонци** да им ги даде правата предвидени во договорите што им ги осигуруваат културниот развиток како национални малцинства. Поради тоа, ВМРО е принудена да изјави дека политиката на сите балкански влади е непријателска за слободното и самостојно политичко постоење на Македонија и дека таа најрешително и со сите средства на револуционерна борба ќе се бори против нивата завојувачка политика спрема Македонија и **македонскиот народ**.

1924 год. Раководното тело на Илинденската организација.[1862] Во својот меморандум раководното тело на Илинденската организација до претседателот на Министерскиот совет на Царството Бугарија, меѓу другото, стои: „Еднаш засекогаш нека се разбере дека бугарскиот државен патриотизам, со кој често сакаат да се китат бугарските државници од 1890 година до денес, и **македонскиот патриотизам**, се две нешта меѓу кои не само што нема ништо општо, туку кои се во директна спротивност; и ете зошто сите дејности на бугарските влади кои се насочувани против самостојноста на македонското прашање и против самостојното двежење на емиграцијата, дејности иако прикривани зад параванот на 'бугарските државни интереси' - за нас **Македонците** биле и се само нови и нови гревови кон несреќната Македонија...

Но, истовремено, со тоа станува јасно за нас **Македонците** дека во името на тие 'врховни интереси' бугарските влади повторно одат кон нови делби на Балканот, според тоа, одат дијаметрално спротивно на македонскиот принцип - **'Независна Македонија'**. А точно, само низ таа независна Македонија, Бугарија и Србија можат да го имаат бараниот излез на Бело Море, и тоа без да си ги навредуваат племенските и национални интереси...

Истовремено, со ова сакаме да Ви изјавиме дека во името на нашиот самостоен идеал, кој ние не можеме да го поднесеме како жртва на Вашите државни тенденции, ние еднаш засекогаш треба да бидеме третирани не како дел од бугарската држава, туку како **независен политички елемент**. Во името на оваа независност, ние имаме самостојни права какви што имаат сите **гости на бугарската држава**: Турците, Ерменците, Русите, Грците и др. Поради истата причина, ние успеваме да си го зачуваме **македонскиот правопис** од посегањата на бившиот кабинет, а од истите причини ние сакаме да се соочиме и со Вашите посегања врз **македонскиот печат**, врз македонскиот организационен живот, зашто доколку Нејскиот договор пледира на тие права за нашите собраќа во Србија и Грција, каква ирониј на судбината е тие да ни се одземат овде!..."[1863]

[1862] Раководното тело во тој момент било во состав: Ѓорѓи Занков, Марко Иванов, Анастас Дапчев, Ст. Абазов, Ал. Китанов, Ив. Москов; Надзорна комисија: Сл. Пирчев, Сл. Ковачев, Михаил Чоков; Редакциски колегиум: Вл. Георгиев, Арсени Јовков.

[1863] *Историска вистина* ... : 69-72; Архив на Македонија, Фонд - Варија, Меморандумъ на Ръководното тѣло на Илинденската организация, бр. 432, 17 април 1924, София.

1924 год. Крсте П. Мисирков. „Ние **Македонците** не сме страшливите, ние знаеме дека никакви заплашувања не се во состојба да им го забранат на научниците слободното научно истражување и излагање на научните етнографски, лингвистички и историски прашања, како што не се во состојба да го измент народното самочувство во Македонија.“[1864]

1924 год. Весник *Њукасл сан*, Австралија. „Александров и другите водачи на **Македонската револуционерна организација** на една тајна средба во Виена на која разговарале за тоа кој е најдобриот начин за да се продолжи **борбата за автономија**, одлучиле, според дописникот од *Тајмс* во Виена, привремено да ги отфрлат револуционерните методи на интензивна кампања за постигнување публицитет во странство... Атмосферата во која се одржала средбата најпрво била насочена кон **Македонците, Хрватите и Албанците**, кои би требало да преземат еден вид заедничка акција против Владата во Белград, но тоа поминало незабележано...“[1865]


1924 год. Ернест Грангер,[1866] Франција. „Словените од Прилеп, Битола, Струмица и Долен Вардар до денес не ја имале свеста дека припаѓаат на свесно дефинирана нација. На прашањето: *Дали сте Србин*? *Дали сте Бугарин*? *Дали сте Грк или Албанец*? - тие одговарале: ***Јас сум Македонец...***“ [1867]

[1864] Мисирков, К. П. *Српските закани: Собрани дела*, III, 313.

[1865] *Македонија* ... : 88-89; „Македонска пропаганда: Публицитет во странство“. *Њукасл сан*, 19.5.1924: 4.


[1866] Француски географ кој патувал низ Македонија.

[1867] Granger, E. *Garde*. 1992: 243, quoted in MRG Greece, 1994: 12, 2.2.3. Awareness of having or a national identity; Macedonia: a True Endless Story… 21 април 2020.



Διανεμητήριον Δραχ. 75000.

Ἐν τῷ χωρίῳ Γιαβόργιανη καὶ ἐξωθεν τοῦ χώρου Ἱεροῦ Ναοῦ Ἁγίας Παρασκευῆς, ἔνθα πρὸς σύνταξιν τοῦ παρόντος κληθεὶς μετέβην σήμερον τὴν εἰκοστὴν ὀγδόην (28) τοῦ Μηνὸς Μαΐου νέου ἡμερολογίου τοῦ χιλιοστοῦ ἐνακοσιοστοῦ εἰκοστοῦ τρίτου (1923) ἡμέραν Δευτέραν π. μ. ἐνώπιον ἡμῶν τοῦ Συμβολαιογράφου Ἐδέσσης Κωνσταντίνου Δ. Σζιμπλᾶ καταλοιφθέντος ἐν Ἐδέσσῃ, παρουσίᾳ καὶ τῶν προαληφθέντων δύο ἐνηλίκων μαρτύρων Ἑλλήνων γνωστῶν μοι καὶ μὴ ἐξαιρετέων Χρήστου Παπαδημητρίου καὶ Θωμᾶ Νικολάου Τσιαμῆ κτηματιῶν κατοίκων ἀμφοτέρων Πέδας, ἐνεργατίσθησαν οἱ ἀγνωστοί μοι κατὰ τὸ πλεῖστον, γνωστοί μοι δὲ γενόμενοι παρὰ τῶν ἀνωτέρω παρτύρων τῆς ταυτότητός των, ἄσχετοι δὲ πάσης νομίμου συγγενείας καὶ ἐξαιρέσεως μετ' ἀμοιβῆς καὶ τῶν μαρτύρων, 1) Χριστόδουλος Κύρου κτηματίας κάτοικος Ἐδέσσης 2) Ἀντώνιος Χρήστου Σιούπης 3) Δημήτριος Ἀναστασίου Σαλαμπάσης κτηματίαι κάτοικοι Ἐδέσσης 4) Πέτρος Παπαχρήστου 5) Γεώργιος Δάνεσ Νίκου 6) Χρήστος Ἰωάννου Ἀδραμάνης 7) Λάζαρος Κωνσταντίνου Μέτιος 8) Πέτρος Παπαϊωάνου 9) Εὐστάθιος (Στογιάν) Πέτρου Γκίκης 10) Πέτρος Εὐσταθίου (Στογιάν) Βάλτας 11) Ἰωάννης Χρήστου Παλαμιούδακας 12) Δήμος Χρήστου Παλαμιούδακας 13) Ἰωάννης Ἀντωνίου Μέτιος 14) Δημήτριος Χρήστου Παλαμιούδακας 15) Γεώργιος Ἰωάννου Ἀδραμάνης 16) Δημήτριος Ἰωάννου Ἀδραμάνης 17) Βασίλειος Ἰωάννου Πλέσκας 18) Δημήτριος Χρήστου Οὐζούνης 19) Πέτρος Χρήστου Οὐζούνης 20) Εὐστάθιος (Στογιάν) Χρήστου Οὐζούνης 21) Γεώργιος Πέτρου Μπέκης 22) Ἰωάννης Γεώργου Καλὴν 23) Ἀναστάσιος Δήμου Τσιάμης 24) Χρήστος Δήμου Τσιάμης 25) Ἰωάννης Δήμου Τσιμῆς 26) Χρήστος Ἰωάννου Τσιάμης 27) Δημήτριος Γεωργίου Ζέζιου 28 Ἰωάννης Κωνσταντίνου Ἰωάννου 29) Χρήστος Τράϊκος Καλὸς 30) Πέτρος Γεωργίου Μαΐνου 31) Χρήστος Κίκου Ζλατὰν 32) Χρήστος Πέτκος Τσίτσης 33) Χρήστος Πέτρου Μίσιος 34) Ἰωάννης Πέτρος Μήλιος 35) Νικόλαος Δημητρίου Μαλιάσης 36) Νικος Στάϊκου 37) Λάμπος Δημητρίου Κατάρ 38) Πέτρος Ἰωάννου Καν. Ἰωάννου 39) Ἀθανάσιος Μίντσε Καλὴν 40 Πέτρος Ἰωάννου Τασιούλας γεωργοκτηματίαι κάτοικοι Γιαβόργιανης πλὴν τοῦ Πέτρου Τασιοῦκα κατοίκου Γιαννακόβου Ναούσης 41) Χρύσσα σύζυγος Δημητρίου Σαλαμπάση τὸ γένος Χρήστου Σιούπης οἰκιακὰ ἐπαγγελλομένη κάτοικος Ἐδέσσης 42) Ἰωάννα νύμφη Γεωργίου Ἴσκου τὸ γένος Στογιάν Τράϊαννοῦ 43) Μαρία σύζυγος Χρήστου Τσιάκος τὸ γένος Γεωργίου Ἴσκου 44) Πασχαλίνα θυγάτηρ Γεωργίου Ἴσκου οἰκιακὰ ἐπαγγελλομένη κάτοικος Γιαβόργιανης 45) Στογιάν Γεωργίου Ἴσκου 46) Ἀθανάσιος Ἰωάννου Ἀδραμάνης 47) Δημήτριος Λήμιον Πορδάνης 48) Στογιάν Παππᾶ Πέτρου 49) Δημήτριος Πέτρου Μίσιος γεωργοκτηματίαι κάτοικοι πάντες καὶ οὗτοι Γιαβόργιανης καὶ ἐξ ὧν οἱ τριάκοντα ἑννέα δεύτερον συμβαλλόμενοι καὶ συμβαλλόμεναι ἤτοι ἀπὸ τοῦ ἀριθμοῦ ἔνδεκα καὶ μέχρι τοῦ ἀριθμοῦ τεσσαράκοντα ἑννέα μὴ γνωρίζοντες τὴν Ἑλληνικὴν ἀλλὰ τὴν Μακεδονικήν, προσῆλθον μετὰ τοῦ παρ' αὐτοῦ προαληφθέντος, ὡς διερμηνέως τῆς ἐκλογῆς καὶ ἐμπιστοσύνης των ἱκανοῦ πρὸς τοῦτο γνωστοῦ μοι καὶ μὴ ἐξαιρετέου Θεοδώρου Τσιάκου κτηματίου κατοίκου Ἐδέσσης, ὃν ὥρισα ἐπὶ τοῦ Ἱεροῦ Εὐαγγελίου κατὰ τὸν Νόμον ὅτι θέλει κάμει εἰλικρινῆ καὶ πιστὴν διερμήνευσιν ἐκ τῆς Ἑλληνικῆς εἰς τὴν Μακεδονικὴν καὶ τοὐναντίον πρὸς τοὺς συμβαλλομένους, τοὺς μάρτυρας καὶ πρὸς ἐμὲ καὶ διὰ τοῦ κουσὶ των τούτου διερμηνέως οἱ τριάκοντα ἑννέα (39) δεύτεροι οὗτοι συμβαλλόμενοι, οἱ δὲ πρῶτοι δέκα συμβαλλόμενοι αὐτεπαγγέλτως μοὶ ἐξήγαν τὴν σύνταξιν τοῦ παρόντος διανεμητηρίου συμβολαίου, δι' οὗ συνομολόγησαν τὰ ἑξῆς. Ἅπαντες οἱ συμβαλλόμενοι ἔχοντες εἰς τὴν ἀδιαιρέτως κατοχὴν, νομὴν, καὶ κυριότητά των καὶ διαφόρους ἑκάστου μερίδας περιελθούσας αὐτοῖς ἐξ ἀγορᾶς δυνάμει ἐτησίων ἀδιαπαύστων ταπίων ἐπὶ τουρκοκρατίας ἐπ' ὀνόματι τινῶν ἐξ αὐτῶν ἐκδοθέντας καὶ διὰ λογαριασμῶν ἀπάντων τῆς ἀγορᾶς αὐτῶν γενομένης ἀναλόγως τῆς καταβολῆς ἑκάστου, καὶ τοῦ μετέπειτα κατοικισμοῦ ταῦ ἱεριδίου των ὡς καὶ δι' ἐτησίμων συμβολαιογραφικῶν ἐγγράφων κατὰ τὴν ὁμολογίαν των ἐνὸς Τουρκικοῦ ὑπὸ τὴν ἀνωμοίαν Γιαβόργιανη κειμένου εἰς τὴν περιφέρειαν Ἐδέσσης καὶ ἀπὸ πλουσίων κατὰ τὸ ὅλον ἐκ τεσσαράκοντα μιᾶς οἰκιῶν ἐνδεκα (11) ἀγροῶνων, ἀγρῶν καλλιεργησίμων καὶ μὴ ἐξ ἀτομικῶν παλαιῶν τουρκικῶν μετὰ ἁμπέλων δακτυλοσίων ἐννενήκοντα ἑπτὰ (897) ὡς κοινῶν, δύο ὑδρομύλου λειτουργούντας, Σχολεῖον χωρίου ὡς καὶ Ναὸν χωρίου Ἁγία Παρασκευή. Ὧν χωρίων τοῦ ἑαυτοῦ, θέσεως διὰ ποσοτήσεως πηγάζοντος ἐκ Πόδου καὶ διεγραμένου ἐν τῷ χωρίῳ δένδρων ἐπὶ τῶν διαφόρων ἀγρῶν καὶ κήπων ὡς καὶ δάσος κατασχὸν ἐκ δένδρων, γάβρων καὶ διαφόρων ἄλλων ἀγρίων φυτῶν καὶ ἀνωρονομένων ἐν συνόλῳ τοῦ Ἰδιοκτήτου τούτου χωρίου Γιαβόργιανης καὶ ἀμοιγίων δάσους πρὸ δωδεκαετίας κηπευθέντος, γεφυρῶσεν μὲ θέσεις Πιατέρα, Τσιλάπετε (Καβρέκα) Κύρτσαγ μές, Μεσμέρ Δερεὴ (Ποτάμι μεσημερινὸν) Τσιπιούδια, Κουρέστα (Ἀγία Τριάδα) Βελάδια Γιάβουρ (Πλατάνια) Κηπιάλατο, Μπουζούρα καὶ δρόμων Βατόν. Μπαλάβη Μανδρί. Μάτων Δάλ, καὶ Μπάνια. Δύπατα Κάμενστ, Μπαϊνάνικο, Γκιόλ Μπόρδα. Μπογδάνοβα Νίβια. Καλύβια Θεατίτσης, Τσέργα Κάμενικ. Ὀκλανη, Γιάσεν καὶ δρόμων. Μρόμιορ Τσβίσο δρόμων καὶ Τσία Γραμμιὰ - Πιατέρα ὡς καὶ οἱ σχετικοὶ τίτλοι ἰδιοκτησίας κατὰ τὴν ἀγορὰν αὐτοῦ τοῦ ἀνωτέρω δάσους ἀτενιζομένου ἐκ τριῶν μερῶν γλιάδων ατρεμιόντων παλαιῶν τουρκικῶν ἢ ὅσης ἐκτάσεως καὶ ἂν εἶναι. Σήμερον ἀποδιδόμενος καὶ ἀγοράστας ἀπεφάσισαν νὰ διανεμήσωσι καὶ διένειμαν τὸ κοινὸς καὶ ἀδιαιρέτως παρ' αὐτῶν, κατεργάσιμον, νομάσιμον καὶ ξυλοσιαζόμενον ὡς ἀγαπαίρον ἕκαστος τὴν μέρη ἕκαστης τὴν εἰς αὐτὸν ἀνήκουσαν μερίδα καὶ ἐνθρηγησαν μεταξύ των τὴν διανομὴν ταύτην οἰκειοθελῶς καὶ εὐχαρίστως ὡς ἐξῆς δὲ τὸν Βιλαέτιον



Официјален договор од воденскиот јавен нотар од 1923 година меѓу Македонци од Платани и грчката држава за откуп на земја и имот во селото Платани, во кој, меѓу другото, пишува и со стрелка е обележано „...втората страна во овој договор меѓу броевите 11 и 49 не знаат грчки, единствено **македонски јазик**...“
(целиот документ е прикажан подолу)

1924 год. Панделис Пулјопулос, Грција.[1868] „Дојдоа Балканските војни. Македонија беше распарчена на три дела, поделена меѓу трите победници. Идната историја на **трите дела на Македонија** покажа дека солзите на грчката, српската и бугарската буржоазија за 'ослободување' на поробените браќа биле само крокодилски солзи.“[1869]

1925 год. Меморандум на Централниот оддел на Министерството за надворешни работи, Велика Британија. „Словенското население во Македонија било одвоено до 1870 година од Словените во Бугарија и Србија, но под влијание на пропагандите тоа население се насочувало во тие два правци, а јазикот кој го говореле **македонските Словени** бил дијалект разбирлив и за Србите и за Бугарите, но малку поблизок до бугарскиот јазик... Возможно е мнозинството од овие **Словени** да се или биле пробугарски, но погрешно е да се нарекуваат поинаку од **македонски Словени**. Во врска со ова, неоправдани се тврдењата на Србите дека тие се јужни Срби и на Бугрите кои тврдат дека тие се Бугари.“[1874]

1925 год. Форин офис, Велика Британија. „Ова прашање и тоа за малцинските права на Бугарите во Грција, со страв дека Турција ќе го протера бугарското население од Источна Тракија, ја објаснува желбата на бугарската Влада дека Лигата на нациите би требало да преземе чекори за да се спречи надоаѓање нови бегалци, од кои повеќето, кога би пристигнале во Бугарија, би им се приклучиле на револуционерните организации во голем очај.

Од 400 000 што се веќе во државата, речиси 70 проценти се **Македонци**, кои некои Бугари ги сакаат, други ги обожуваат и многу се плашат. Најмалку третина од луѓето во Софија се **Македонци по род или по потекло** и влијанието на овој тврд, активен и честопати незаконски елемент, е сè уште применуван против кое било населување на Балканот на сегашниве територијални линии.“[1875]

[1868] Секретар на ЦК на КПГ.

[1869] Кирјазовски, Р. *Оцени на Комунистичката партија на Грција за карактерот на Балканските војни: Македонија во војните 1912 - 1918*. Скопје, 1991: 232.

[1874] Џинго, Т. *Велика Британија ...* : 67.

[1875] PRO FO 371/10694 HP 00261 R C 4916/251/62; *Сведоштва за македонскиот идентитет*..., 257.



Разгледница со девојка во тетовска носија на која на германски јазик е запишано: „**Македонска национална носија од Тетово**, Македонија под српски јарем.“[1876]

1925 год. Аретас Аркес Даглас, Велика Британија.[1877] „Во првата половина на 1924 година Комунистичката интернационала се обиде да создаде емигрантски комитет во Виена под името „Балканска федерација“, кој требаше да создаде автономна држава на Балканот. Силите во Москва беа особено заинтересирани за **Македонците** и се обидоа да ги привлечат кон себе, преправајќи се дека ги поддржуваат нивните заложби за автономија. Во мај 1924 година тие успејаа во собирњето на претставниците на **Македонската револуционерна организација** и оние на т.н. „**федералисти Македонци**“, кои долго време беа во конфликт меѓу себе да создадат заеднички комитет, кој испарти делегати во „Балканската федерација“. Овој чекор на емигрантите, секако потикнат од комунистичките кругови, предизвика полицијата, која во принцип им дозволува на емигранти само право на азил доколку напишат

[1876] Издание на *Македонските студенти во туѓина*: Mazedonischer Studentenbund im Auslande, Macedonische nationaltracht aus der gegend von Tetovo, Macedonien unter serbischen joch.

[1877] Аретас Акерс Даглас, британски амбасадор во Австрија од 1921 до 1928 година.

изјава дека ќе се воздржат од сите политички активности во Австрија и ќе се придржуваат строго кон оваа обврска, да интервенира бргу и енергично. Федерлистите кои живееја во Виена, д-р Филип Атанасов и Димитри Влахов, беа приудени да ја напуштат Виена, а преостнатите Бугари и **Македонци** кои престојуваат во Виена беа информирни дека идната злоупотреба на правото на азил ќе води кон нивна депортација..."[1878]

1925 год. Италијанска амбасада во Белград, Италија. „Затоа, се разбира, Јужна Србија, чие население како што е познато во големо мнозинство се **Македонци** и Албанци, не е средина многу подготвена за таа пропаганда. Круговите во кој таа се развива се тие на владините службеници на српското малцинство и, пред сè, на малкумина Словенци и Хрвати кои живет тука...


Со оглед на тоа што **Македонците** во однос на идеалите покажуваат бугарофилски тенденции а, како што веќе кажав, тие се отпорни на споменатата пропагнда, па дури се општо благонаклонети кон Италија, иако единствена наша мнифестција во овие краишта, покрај клеветничката италофобска кампања која постојано ја потхрануваат речиси сите балкански земји (и нивните заштитници) беше и навистина ефикасното поминување на нашата војска во овие краишта (во 1918 година) и нејзиното однесување, остави навистина ласкав впечаток.

Но антиитлијанското чувство сврзано со општите идеи на државен национализам претставува елемент кој словенското население лесно го прифаќа, а таа леснотија се однесува особено на **Македонците** во нивните актуелни услови...[1879]

[1878] PRO FO 371/10694 HP 00261 R C 6414/251/62; *Сведоштва на македонскиот идентитет*..., 257.

[1879] *Италијански дипломтски...* , том 1, книга 2 ... : 175.

1925 год. Дел од една членска книшка на Македонското благотворително братство во Бугарија.



Всѣки македонецъ е длъженъ да изпълнява задълженията къмъ родината си и братствената организация.

Всѣки македонецъ трѣбва да чете и разпространява съюзния органъ — „Независима Македония".

Стерeот. — 1425—1924

ГДЖУМ. Емиграция БЛАГОТВОРИТЕЛНО БРАТСТВО

ЧЛЕНСКА КАРТА

№ 280

Георги Антоновъ Московъ

е редовенъ членъ на братството.

Отличителнитѣ му черти сж:

Възрастъ 36 ръстъ среденъ

коса черна нос правиленъ

очи черни уста средни

Особени бѣлѣзи нѣмa

Собственоржавенъ подпись:

Гр. Г. Бунар 11 VIII 1924 г.

Председатель:

Секретарь:



1925 год. Декларција на Централниот комитет на Македонската револуционерна организација, Александар Протогеров.

„Софија, 8 март. Новиот Централен комитет на Македонската револуционерна организација под претседателство на Протогеров, избран на

Општиот конгрес во бугарска Македонија[1880] во првата половина на месец февруари, вчера ја издаде првата своја декларација. Во почетокот Комитетот изјавува дека ја прима и продолжува декларацијата од бившиот Централен комитет од септември месец 1923 год. и од 1.8.1924 год., и продолжува: Крајната цел на **Македонската внатрешна организација** е да извојува полна **политичка автономија на Македонија** во нејзините природни и економски граници, т.е. на север планината Рила, Осогово и Шара, на запад западните[1881] албански планини, на југ реката Бистрица и Белото Море, на исток реката Места и западното Родопско Горје. Внатрешната македонска револуционерна организција се согласува на **независност на Македонија** под нечиво покровителство или да биде самоуправна и рамноправна единица во една федеративна Југославија или на една балканска федерација. Внатрешната македонска револуционерна организација ги повикува на истата работа сите подвластени народности во Грција и Србија кои се борат за самоуправа (Словенците, Црногорците, Хрватите, Босанците и Албанците), со тоа што да не бидат потпомогнувани од некои странски сили кои можат да го искористат ослободителното движење на Балканот за свои интереси. Се осудува обидот на Третата интернационала, односно на Советска Русија, која сакаше да го искористи тоа движење, а на кој **Македонците** не се одзваа, освен неколку продадени поединци, заради кои го изгубиле својот голем водач Тодор Александров. Внатрешната македонска револуционерна организација ги повикува сите држави кои сакаат мир на Балканот да не им ја одбијат моралната помош на разните хуманитарни и филантропски здруженија за ослободителното движење. Внатрешната македонска револуционерна организација и понатаму посветено ќе работи на независноста, нема да дозволи ниту на една влада и ниту на една партија да се послужи со неа за сопствни цели кои немаат врска со **македонското ослободително дело**. Конгресот го овласти Централниот комитет да се бори до крај со сите средства против лица, партии или здруженија кои стојат на патот на Внатрешната македонска револуционерна организација и кои ќе се обидат да ја разединуваат нејзината сила. Поддржувачите на Третата интернационала околу весникот *La Fedération balkanique* се непријатели на македонското дело

[1880] Се мисли на делот од Македонија кој со Букурешкиот мировен договор (1913), подоцна и со Версајскиот договор, потпадна под власта на Царството Бугарија, односно Пиринска Македонија.

[1881] Најверојатно се мисли на источните албански планини.

и не претставуваат никого освен своите мизерни личности. Средствата на Организацијата остануваат револуционерни сè додека атинската и белградската влада не ги признаат националните права и слободи на сите етнички групи во Македонија.

Што се однесува до бугарската држава, Централниот комитет смета дека во Бугарија не се потребни револуционерни методи на борба. Но ако се создаде тешка состојба и се употребат незаконски мерки против **Македонците**, Централниот комитет ќе се бори и ќе ги извојува правата на сонародниците. Потпишани Александар Протогеров и Г. Христов.“[1882]

Декларација на ЦК на ВМРО (обединета). Октомври 1925 год.

Д е к л а р а ц и ј а

на Внатрешната македонска револуционерна организација (обединета)

Положбата на **македонскиот народ** во трите делови на Македонија од ден на ден станува сè понеподнослива. Колку и да се различни средствата со кои се служат бугарската, српската и грчката влада за да го угнетуваат, во едно сите тие си прилегаат, а, имено, по тоа што го подложиле целокупниот **македонски народ** на еден режим на терор, мачења и убиства.

Во Македонија под бугарска власт Владата на Цанков се служи со сите средства со кои военофашистичката диктатура може да располага за да го угнетува **македонскиот народ**. Таа апси, тепа, подложува на инквизициски мачења, го убива секој **Македонец** што се бори за самостојноста на македонското ослободително движење, што не сака да ги продаде интересите и идеалите на **македонскиот народ** на крвавата реакционерна и фашистичка диктатур[а], што го посакува ослободувањето на Македонија.

Во Македонија под српска власт, истовремено со административниот произвол, политичката бесправност, духовниот гнет, систематски се спроведува една политика на асимилација и денационализација на **македонскиот народ**.

Во Македонија под грчка власт, едновремено со спроведувањето на една реакционерна и насилничка политика која ги засега **сите македонски националности, македонското население** се изгонува од неговите родни места; тоа население, ограбено, лишено од секакви средства, е принудено да бара прибежиште во туѓи земји, зголемувајќи на тој начин го контингентот на несреќните бегалци.

[1882] „Декларација генерала Протогерова“. *Време*. Београд, 9.3.1925: 3.

Таква е денес положбата на **македонскиот народ**. Потиснички и крвави се режимите при кои тој е принуден сега да живее.

За **македонскиот народ** стана јасно дека балканските христијански влади секогаш гледале на Македонија и на **македонскиот народ** како на објект за завладување и експлоатирање. Тој се убеди дека тие влади секогаш гледале да ги создадат и да ги разгорат непријателствата меѓу **македонските дејци**, бидејќи тие се стремеле да се служат со **македонското ослободително дело** за својата завојувачка политика. **Македонскиот народ** е убеден дека тие влади и сега се однесуваат кон него како кон туѓ, завладеан народ. Нему му стана јасно дека тие влади се негови угнетувачи и поробувачи. Тоа им стана јасно дури и на македонските шовинисти и реакционери, кои успејаа да го присвојат името Внатрешна македонска револуционерна организација и се јавија да зборуваат од нејзино име.

Под притисокот на револуционерно настроените македонски народни маси во Петричкиот Крај; под притисокот на **македонските еснафи, работници, селани од македонската емиграц[ија] и бегалците во** Бугарија; под притисокот на бившите македонски револуционери, групирани во Илинденската организација, кои во својот меморандум од м. април м[инатата] г[одина] ги издигнаа лозунзите за независна Македонија [и] балканска федерација и се изјасниј против вмешаноста на бугарската Влада во **македонските работи** - од една страна: прогонувањето на **македонски револуционери и емигранти**; интернирањето на неколку стотини души од нив во разни места на Бугарија; запирањето на сите македонски весници во Бугарија; со еден збор, големото прогонување на кое Владата на Цанков ги беше подложила **македонската мисла и Македонците** кои се борат за независноста на својата татковина; од друга страна: сето тоа создаде во почетокот на минатата година едно такво настроение на духовите во македонските народни маси против бугарските фашистички влади, што ревизијата на дотогашната политика и воспримањето на една нова ориентација во Македонската револуционерна организација им се наложија дури и на раководителите на ВМРО, како Т. Александров и Ал. Протогеров.

Откако направија еден детален преглед на дотогашните свои сфаќања и на дејноста, Т. Александров, Ал. Протогеров и П. Чаулев во своето својство на ЦК на ВМРО ги изразија во еден манифест кон македонскиот народ, кон македонското население во Македонија и кон македонските револуционери новите насоки на Револуционерната организација и на целокупното македонско движење. Во тој манифест, потпишан на 6 мај 1924 год., тие му

посочија на **македонскиот народ** дека никоја од балканските влади не мисли за ослободувањето и обединувањето на **македонското население**, дека секоја од тие влади се стреми да завладее парчиња **македонска земја** со која владеат соседните држави, и дека тој стремеж за завладување нови територии претставува една постојана опасност за мирот меѓу балканските народи. ЦК на ВМРО објави во Манифестот дека ослободувањето [и] обединувањето на Македонија ќе бидат возможни само ако **македонскиот народ** води самостојна револуционерна борба, ако работи за обединувањето на распарчените сили на **македонското ослободително движење** во еден општ **македонски револуционерен фронт**; во него објави дека ВМРО во тесна соработка со сите прогресивно-револуционерни движења на Балканот и во Европа, опирајќи се врз единствениот балкански фронт, ќе ја засили својата револуционерна дејност за слободата и независноста на Македонија, надевајќи се дека ќе го наложи создавањето на балканска федерација, на кој начин ќе може да се осигури мирот на Балканот и ќе се потпомогне востановувањето на мирот во цела Европа.

Манифестот се пресретна како откровение од **македонските народни маси**. Балканските влади беа во паника. Посебно Владата на Цанков се исплаши од издигнатите во него лозунзи. Таа ги употреби сите насилни мерки на кои беше подготвена за да ги принуди Александров и Протогеров да се откажат од своите потписи. Тие се одрекоа од Манифестот кој го прогласија за мистификација.

Меѓутоа, вметнатите лозунзи во овој историски документ се воспримија од **македонските народни маси** кои ги направија свои прокламираните во него принципи. Тоа беше опасно за господството на фашистичката диктатура во Бугарија.

По одржаните средби во април [и] мај м[инатата] г[одина], како резултат на кои се изработи и потпиша Манифестот, Владата на Цанков не можеше наполно да му верува на Александров, иако тој јавно се беше одрекол од својот потпис. При содејство на Протогеров, Владата на Цанков го уби Александров. Но пред **македонската и пред бугарската јавност** таа се обиде да го претстави убиството на Александров како некаков заговор на левицата во **македонското движење**. Таа го направи тоа за да може да се справи со левицата во ВМРО, која беше успеала да ги групира целокупната **македонска емиграција** во Бугарија и целокупното **македонско население** во Петри[ч]киот Крај околу лозунзите издигнати во Манифестот и со надеж дека ќе може да ги оправда или барем да ги објасни пред бугарскиот и пред

македонскиот народ во Бугарија убиствата на вистинските **македонски револуционери** кои беа против неговата завојувачка и крвава политика.

При целосно содејство на Протогеров, Ив. Михајлов, Баждаров, Прличев, Монев и други издајници и предавници на **македонското дело**, бугарската фашистичка Влада во септември 1924 год. уби 160 **македонски револуционери**, меѓу кои, Д. Х[аџи] Димов, Сл. Ковачев, Ар. Јовков, Ч. Кантарџиев, Ал. Бујнов и др. Владата на крвавиот професор Цанков, која при активно содејство на истата таа мафија, чиј шеф е Протогеров, уби во септември 1923 год. неколку илјади бугарски селани и работници во Фердинанд, Берковица, Лом, [Саранбеј], Самоковска Околија, Белово, Т. Пазарџик, Пловдив и на други места во Бугарија, и повеќе од 100 македонски револуционери во [Горноџумајско] и Мехомијско, продолжува секој ден да убива македонски револуционери, македонски селани, работници, интелектуалци и младинци. Во таа година бројот на убиените само во Петричкиот Крај е над 100 душ[и]. Но Владата на Цанков не се задоволи со убивањето на противниците на неговата завојувачка политика на територијата каде што се простира неговата крвава власт. Тој испрати свои емисари во странство кои при содејството на неговите легации и конзулати успеаја да убијат двајца видни македонски револуционери: П. Чаулев, убиен во Милано на 23 декември м[инатата] г[одина] и Т. Паница, убиен во Виена на 8 мај м[инатата] г[одина].

Меѓутоа, и покрај теророт и убиствата што се вршат секојдневно над македонските маси во бугарска Македонија и над **македонските бегалци** и емигранти во Бугарија, принципите на новата револуционерна борба, прокламирани во Манифестот, станаа ново „верују“ за **македонскиот народ** кој живее на територијата од Бугарија. Тие принципи се воспримија и од македонските маси, од сите народности во српска и во грчка Македонија. Принципите на Манифестот се воспримаат денес од сите македонски организации и групи кои си поставиле цел да му служат на **македонскиот народ**.

Врз основа на тие принципи денес се обединува македонското револуционерно движење.

Обединувањето на македонското револуционерно движење во една единствена револуционерна организација означува, пред сè, крај на борбите меѓу различните **македонски организации** и групи.

Ние, претставниците на тие организации и групи, го известуваме **македонскиот народ** дека „обединувањето на распарчените сили на

македонското револуционерно движење е свршен факт. Единствениот **македонски револуционерен фронт** е завршено дело*“.* На одржаната основачка конференција на обединетото **македонско револуционерно движење** беа претставени сите организации и групи во Македонија кои ги воспримаат принципите изложени во Манифестот.

На ред со претставниците на левицата на ВМРО и новообразуваните комитети и групи, на база на Манифестот, во самата Македонија на основачката конференција зедоа учество дејци од групата на бившите серски револуционери, такви од Емигрантскиот комунистички сојуз, од Сојузот на македонската емигрантска организација и од Илинденската емигрантска организација.

Ние зборуваме од името на целокупниот **македонски народ**.

Ние се јавуваме како претставници на целокупниот **македонски народ**, не само зашто сме претставници на неговите организации и групи, но и зашто „нашата програма единствено соодветствува на идеалите и стремежите на целокупниот народ*“.*

Бидејќи раководните лица во претставуваните од нас организации и групи, едни помалку други повеќе, беа дејци на ВМРО кога таа имаше народен карактер; бидејќи ние се јавуваме како носители на високите идеали на основачите и дејците на Организацијата во нејзините први години, кога таа високо го држеше знамето на самостојноста на **македонското револуционерно движење** и се бореше искрено за автономијата на Македонија - затоа ние ја нарековме нашата организација ВМРО (обединета). Ние се јавуваме како наследници „на вистинската ВМРО. Ние го издигаме нејзиното чисто револуционерно знаме*“.*

ВМРО (обединета) ќе се бори против фашистичката Влада на Цанков која уби неколку стотини чесни **македонски револуционери** и секој ден убива искрени **македонски дејци**, која ја отима секоја можност на **независната македонска мисла** да се појави. Таа ќе се бори против оваа влада, бидејќи оној што е најмногу одговорен за изгонувањето на македонските бегалци - таа ја носи главната одговорност за иселувањето на македонското население - појавува престапна негрижа и небрежност, се потсмева на страдањата од несреќните бегалци кои масовно ги напуштаат своите домашни огништа, бегаат во Бугарија, голи, боси и скитаат од едно место на друго во таа земја, каде што секој ден умираат од глад и од болести.

ВМРО (обединета) ќе се бори против потисничката политика на белградските управници кои го убиваат масовно македонското население, кои

апсат, тепаат и убиваат невини **Македонци**: мажи, жени и младинци; кои го угнетуваат политички, економски, социјално, културно и национално **македонскиот народ**; кои им даваат полни права и слободи на големите земјопоседници да го експлоа[т]ираат земјоделското население и не само што не го снабдуваат со земја безимотното и малоимотното население, но и им ја отимаат онаа малку земја што ја имаат македонските селани за да населат колонисти од разните краишта на Југославија, стремејќи се на тој начин да го изменат етнографскиот карактер на Македонија; кои посегаат по најинтимните чувства кај македонскиот народ - го лишуваат од сите културни и национални слободи и кои со една рафинираност ја спроведуваат својата политика на денационализација и асимилација, не запирајќи се пред никаков избор на средствата за да внесат деморализација среде народот. ВМРО (обединета) ќе се бори против насилничката политика на атинските управници кои ги применуваат истите варварски методи на Пашиќ во уништувањето на македонскиот народ, во убивањето на македонските селани (Трлис, Бутим, Ливадиште), кои ги малтретираат, затвораат и убиваат трудољубивите македонски селани, работници и еснафи; кои го тероризираат народот политички, го експлоатираат економски заедно со разни странски капиталистички компании, ги изгонуваат насилно сите негрчки народности од македонското население од неговите места, ги одземаат насилно неговите имоти за да им ги дадат на преселници од Мала Азија, од Кавказ и од Тракија - браќа по несреќа на **македонскиот народ**, жртви на империјалистичката политика на грчката Влада и нејзините протектори; таа ќе се бори против диктатурата на грчките властодршци кои во својот стремеж да го изменат етнографскиот карактер на земјата, слично на српските управници, со една перфидност го спроведуваат своето сатанско дело - да го денационализираат и асимилираат населението што не е изгонето од своите места.

ВМРО (обединета) ќе се бори против водачите на бугарско-македонската фашистичка организација: Протогеров, Михајлов, Баждаров, Прличев, и тие на „Здружението“ - Каламатиев, Циклев, Терзиев, Х[аџи] Риндов, како што се води борба против предавници и издајници на **македонското дело**; таа ќе води борба со нив до нивната конечна пропаст.

Ние се обраќаме кон оние **Македонци** што продолжуваат да ѝ ја даваат својата поткрепа, морална и материјална, на Организацијата на Протогеров и Ив. Михајлов, и им велиме:

Поткрепата што вие ѝ ја давате на таа организација е поткрепа дадена не за ослободувањето на Македонија, туку за нејзиното уште поголемо

поробување; поткрепувајќи ја таа организација, вие ѝ помагате на една влада која уби 20 000 бугарски селани, работници, занаетчии, интелектуалци и младинци - единствените искрени пријатели на ослободувањето и обединувањето на **македонскиот народ**; учествувајќи во таа организација или давајќи ѝ ја својата морална и материјална поткрепа, вие станувате соучесници во предавството и кон македонскиот народ, зашто таа организација продолжува да го поддржува Цанков и откако тој ги продаде интересите на **македонскиот народ** на најголемиот непријател на слободата на Македонија - Владата на Пашиќ.

Ние се обраќаме кон сите **Македонци** што, не разбирајќи го вистинскиот карактер на таа организација, учествуваат во неа и ги повикуваме да ги напуштат нејзините редови.

Ние се обраќаме кон сите **Македонци** во Брегалничката Област што учествуваат во „Здружението“ на Каламатиев и шајката на Циклев и компанија, и ги повикуваме да се изјаснат против тие народни изроди, кои се ставиле на услуга на Владата на Пашиќ за спроведувањето на неговата асимилаторска и денационализаторска политика и кои се создадени, главно, за да се деморализира македонското население.

Ние се обраќаме кон сите македонски емигранти во Бугарија, во Централна и Западна Европа, како и во Америка, и ги повикуваме не само да го откажат своето морално и материјално содејствување на разните македонски фашистички организации кои не ѝ служат на Македонија, туку на крвавите балкански реакции, но и да ја поткрепат нашата борба која единствено ќе ги донесе ослободувањето и обедин[ува]њето на Македонија, како и федерирањето на **македонскиот народ** со останатите балкански народи.

Ние се обраќаме кон **македонската младина** во странство и ја повикуваме да се изјасни решително против убијците на **македонскиот народ**, кој со убивањето на вистинските македонски револуционери и со наемничката улога која ја исполнуваат во услуга на угнетувачите на **македонскиот народ**, продолжувајќи да му служат на Цанков, го дискредитираат и понижуваат македонското револуционерно движење пред странската јавност, да се изјаснат против разните македонски наемнички организации и да го поткрепат делото на ВМРО (обединета).

Ние се обраќаме кон сите **Македонци** што, откако изгубиле вера во реализирањето на идеалите за ослободувањето и обединувањето на Македонија, досега биле, а и понатаму продолжуваат да се наоѓаат надвор од

организациите и групите што ние ги претставуваме, и ги повикуваме да ја поткрепат нашата борба, зашто „нашата организација е единствената револуционерна сила во македонското ослободително движење. Надвор од ВМРО (обединета) нема револуционерна сила во Македонија*“.*

Борбата на **македонскиот народ** за независна Македонија и балканска федерација наоѓа сочувство и поткрепа среде потиснатите [народи][1883] во балканските земји, кои, исто така, ги чувствуваат ударите на балканската реакција. Хрвати, Албанци, Црногорци, Словени,[1884] Бошњаци, Тракијци, Добруџанци и други балкански народи се наоѓаат во истата положба во која се наоѓа **македонскиот народ**. Тие и ние имаме исти непријатели - балканските реакционерни влади. Тие и ние имаме исти интереси. Тие и ние се стремиме кон национално ослободување. Тие и ние се стремиме извојуваната слобода да биде трајна, а тоа ќе биде можно само при федерирањето на сите балкански народи во една политичка единица. Борбата на потиснатите балкански народи е заедничка. Тие народи се подготвени да ја поткренат со сите свои сили борбата на **македонскиот народ** за национално самоопределување, како што и **македонскиот народ** од своја страна е подготвен да ја даде сета своја поткрепа на нивната борба за национално ослободување.

Но не е само тоа.

Во нашата борба за независна Македонија и балканска федерација ние наоѓаме сочувство и поткрепа среде потиснатите класи на Балканот. Бугарските, српските и грчките работници и селани докажаа на дело дека се искрени пријатели на угнетените балкански народи. Тие ја поткрепија и продолжуваат да ја поткрепуваат нашата борба. Ние, од своја страна, како и револуционерните организации и групи на угнетените балкански народи, ќе ја поткрепиме нивната борба за соборувањето на фашистичките диктатури во балканските земји, зашто знаеме дека додека тие постојат не е можно ослободувањето на балканските народи и нивното сојузување во балканска федерација.

„Сегашната положба на Балканот го диктира образувањето на единствениот балкански револуционерен фронт!“

По силата на условите во балканските земји овој фронт се создаде, тој постои.

[1883] Во текстот е погрешно: *наред*.

[1884] Така е во текстот. Веројатно: *Словенци.*

Определувајќи ги своите односи кон разните надворешнобалкански фактори, ние изјавуваме:

ВМРО (обединета) не може да се однесува со доверба кон балканската политика на западноевропските држави, кои ги изработија и потпишаа ропските за **македонскиот народ** мировни договори; кои ги санкционираа специјалните договори за иселувањето на македонското население; кои продолжуваат да ги поддржуваат овие договори и кои се подготвени да ги поткрепат сегашните балкански влади против сите **Македонци** што се борат за отстранувањето на овие договори и за ослободувањето и обединувањето на Македонија.

Но ВМРО (обединета) знае дека овие договори се осудуваат во Европа и Америка од трудбеничките маси; таа знае дека прогресивната јавност во целиот свет е против создадената положба од овие договори на Балканот и во Македонија.

Кон овие важни фактори во меѓународната политика ние апелираме да ја поткрепат нашата борба.

Во името на независна Македонија и балканска федерација, ние ќе продолжиме со нашата револуционерна борба. Во името на овие идеали, ние ќе ја водиме нашата пропаганда во странство. Во името на овие принципи, ние ќе апелираме кон сите организации и лица во странство што се борат против крвавиот режим во светот - да ја поткрепат нашата борба.

Ние ќе се бориме и ниту за минутка не се сомневаме дека само преку револуционерна борба, рамо до рамо со угнетените народи и потиснатите класи на Балканот, **македонскиот народ** ќе ги добие своето ослободување и обединување и балканските народи ќе заживеат слободен живот.

Да живее самостојната револуционерна борба!

Да живее единствениот македонски револуционерен фронт!

Да живее единствениот балкански револуционерен фронт!

Да живее слободна и независна Македонија!

Да живее балканската федерација!

Октомври 1925 [год.]

ЦК на ВМРО (обединета)

1925 год. Крсте Петков Мисирков. „**Јас сум Македонец**, **со македонска свест**, и како таков имам свое **македонско гледиште** врз минатото, сегашноста и иднината, и на мојата татковина и на целото јужно словенство, и затоа сакам и нас **Македонците** да нѐ прашаат за сите прашања што нѐ

засегнуваат нас и нашите соседи, а не да се свршува сè само со спогодби меѓу Бугарија и Србија за нас, но без нас.“[1885]

1925 год. Крсте Петков Мисирков. „Дајте ни да си имаме свои **македонски национални чувства и да создаваме македонска култура**, како што сме го правеле тоа со векови и кога нашата татковина не влегувала во една држава со вашата...

Свеста и чувството дека сум **Македонец** треба да стојат повисоко од сè друго на светов...

Безветната и безгранична љубов кон Македонија, постојано мислење и работење за интересите на Македонија и полн конзерватизам во појавите на **македонскиот дух**: јазикот, народната поезија, наравите, обичаите - ете ги главните црти на **македонскиот национализам**...“[1886]

1925 год. Крсте Петков Мисирков. „Како Бугарин јас одамна би рекол: Каква ти Македонија! И овде ми е добро, нема веќе да мислам за она што е веќе е изгубено. Но, како **Македонец**, јас во Бугарија се чувствувам како туѓинец, каде што навистина се наоѓам меѓу родени браќа, но не сум си дома, во својата татковина. Таа е таму, каде што сум се родил и каде што јас треба да си ги оставам коските, каде што треба да отиде мојот син ако не ми биде судено јас лично.“

1925 год. Г. Атанасов. „Верата и надежта за слобода не ги напушта луѓето ниту за момент. Мечта на сите млади и стари е автононмија на Македонија. Најголемите фанатици гркоманите денес отворено говорат за автономија. Имав случај лично да разговарам со гркомани кои ми изјавуваа: ’Ги видовме Грците, Бугарите и Србите, никого од нив не сакаме. Сакаме автономна Македонија‘. Само што уште од сега треба да се договара дека во автономната македонска држава кој **Македонец** не се осмели да се нарече Грк, Бугарин или Србин на бесилка да се обеси! Во Македонија ’**има само Македонци‘**... Младите ми ги пеат песните *Планино Пирин планино*, *Билјана платно белеше* итн. На разни празници, свадби и друго, нашите селани пеат песни за паднатите и живи борци за слободата на Македонија. Се пеат песни за Гоце (Делчев), Георги Сугаре.“[1887]

[1885] Мисирков, К. П. *Македонски национлизам: Собрани дела*, III, 338, 340-341.

[1886] Мисирков, К. П. *Самоопределувањето ...* : 345, 346; Мисирков, К. П. „Македонски национализам“. *Мир*. Софија, 12.3.1925.

[1887] ДАРСМ, фонд 1932, оп. 2 а.е. 126.

1925 год. Програмска статија, на весникот „Македонско дело“.

,,Македонски весници има многу. Сега има повеќе отколку кога и да било. Само во Софија излегуваат шест весника, од кои два на француски јазик. Сите тие весници, како и весникот на таканаречената Македонска политичка организација во Америка се редактираат во еден или ист дух – во духот на бугарскиот национализам, бугарскиот врховизам. Тие не се изразители на потребите и стремежите на **македонскиот народ**. Од нив човек не може да си оформи мислење за вистинската положба во Македонија. Во нив **Македонците** не можат да го најдат тоа што им е потребно: да се покаже вистинската положба во која се наоѓа **македонскиот народ**, да се истакнат неговите потреби, да се посочи вистинскиот пат, кој ќе го изведе до неговото ослободување.

Освен овие весници, во Виена излегува уште еден македонски весник, орган на некаква Македонска федеративна организација, кој се бори само против Македонската врховистичка организација, без да дава правилно објаснување за положбата во Македонија во сите нејзини делови. Додека првите македонски весници даваат најподробни информации за положбата на **македонскиот народ** под Србија и [под] Грција и водат кампања само против овие две држави, весникот што излегува во Виена не дава никакви информации за положбата во српска и [во] грчка Македонија, и, исто така, не кажува никаков директен збор против потисничките влади на Белград и Атина.

Сите овие весници му се туѓи на **македонскиот народ** затоа што тие изразуваат гледишта и интереси туѓи на неговата вистинска ослободителна борба.

Една голема празнина се чувствува во македонската ослободителна литература. Потребата од еден самостоен, независен македонски весник, кој ќе им служи на интересите на **македонскиот народ**, кој ќе се бори за неговите идеали, кој ќе го покаже вистинскиот пат кон слободата, повеќе е од неопходна.

Со издавањето на нашиот весник, ние сметаме дека таа празнина ќе биде исполнета и дека одговараме на една своевремена потреба.

Весникот „М а к е д о н с к о д е л о“ ќе ги изнесува сите факти од животот на Македонија и ќе ја критикува политиката на балканските влади во однос на **македонскиот народ**. Тој ќе изнесува и факти од дејноста на оние **Македонци** што си се поставиле во служба на потисниците на **македонскиот народ.**

Весникот „М а к е д о н с к о д е л о“ ќе се бори со еднаква решителност како против владетелите на Македонија – владите на Србија, Грција и Бугарија – така и против сите македонски организации, групи и одделни лица што се ставиле на услуга на една или друга балканска влада.

Програмата на „Македонско дело“ е: *ослободувањето и обединувањето на **македонскиот народ** и неговото федерирање со другите балкански народи*.

Неговата девиза е: *Независна Македонија и балканска федерација*.

Ние се обраќаме кон сите македонски организации, групи и одделни лица кои сочувствуваат со тие принципи да ја поткрепат нашата иницијатива.

О д Р е д а к ц и ј а т а “ [1888]

1926 год. Италијански конзулат Скопје, Италија.

„Господине министер,

Чест ми е да ја известам В.Е. дека на 15 февруари о.г. извесен број повидни **Македонци** од овој град имаа средба (во Скопје) чии двигатели уште се приврзаници на Внатрешниот македонски револуционерен комитет заради преговарање во врска со **создавање една македонска организција** со сличен карактер како на некои веќе постојни на Црногорците, со аполитички цели, за одбрана на сопствените интереси и заемна солидарност.

Оваа манифестација, иако се претстави како горенведените организции, е предмет на посебен интерес на овдешните политички кругови заради нејзината поврзаност со македонското прашање.

Имено, манифестацијата како подмолен обид, која има за цел **создавање македонски политички блок**, се надоврзува со повеќепати повторените обиди на **Македонците** во околности на поголеми политички можности; меѓу нив, периодот на развојот на комунизмот и потоа демократите (особено во периодот на нивната соработка со Радиќ). Тогаш, тие масовно влегоа во тие две партии.

Најголем обид на **Македонците** беше во 1925 година кога г. Трајко П. Арсиќ, пратеник од Куманово и г. Глигор Анастасијевиќ, пратеник од Кавадарци, експлицитно се обидоа да формираат една **македонска партија**. Но г. Трајко Поп Арсиќ потоа премина во Радикалната партија. Г. Атанасијевиќ,

[1888] Македонско дело. Год. 1. Бр. 1. 10 септември 1925 г.

за кој се смета дека сега не припаѓа на ниедна партија, наводно својата активност ја насочува кон својата стара цел - **македонска пртија**.

Сега, **Македонците** имаат намера повторно да се обидат да конституираат **одделна (македонска) партија.** Но ако не успеат во тоа, тие се подготвени да влезат (како што во доверба соопштуваат повидните личности од овој град), масовно, во една, која и да е, актуелна партија во чии рамки сметаат дека ќе можат - заради нивниот број - подобро да ги бранат своите права, а потоа да се издвојат во одделна партија.“

1926 год. Павел Шатев. „Македонското движење, иако било подложено на низа туѓи влијанија, со големи и постојани проследувања е едно самостојно движење. Тој живее и има длабока смисла, има една опредлена цел, оди по одреден пат...

Македонското национално движење се изразува преку стремежите на **Македонците** во линијата на неговите претставници и творци во продолжение на низа години да создаде една татковина, една **македонска држава...**

Идеалите на **Македонците** се за создавање на една татковина, една посебна држава, со **македонска нација** со своја историја и со свој самостоен и политички живот. Кон тој идеал се стреми **македонската интелигенција**, а со неа се народните маси кои ги сочинуваат, пред сè, на македонските селани, занаетчии и работници.“[1889]

1926 год. Родни Галоп, Велика Британија.[1890] Во својот извештај, Галоп за неговите средби со Македонците напишал: „...оние кои ги сретнав инсистираа да се нарекуваат самите ниту Срби, ниту Бугари, туку **Македонци** ...“[1891]

1926 год. Иван Шишманов, Бугарија. По повод излегувањето од печат на Абецедарот во Грција: „Бидејќи, помалку или повеќе, бугарските дијалекти во кои е вклучен и **македонскиот јазик**, се разликуваат од бугарскиот литературен јазик, за чија основа се прифатени источните дијалекти, целта на издавањето на АБЕЦЕДАРОТ повеќе од сигурно е обид на славофонското население во Македонија не само со писмото туку и со јазикот да се одалечи од бугарската опасност од Исток. Се наметнува мислата дека со тоа грчката

[1889] Шатевъ, П. „Македонското националноослободително движење“. *Македонско дело*, бр. 11/1926.

[1890] Родни Галоп, секретар на Британската амбасада во Белград.

[1891] Џинго, Т. *Велика Британија ...* : 71.

Влада сака да создаде еден сосема ’специјален **македонски литературен јазик** за да може уште повеќе да ги оддалечи овие ’славофонски‘ субјекти од бугарскто влијание, ризикувајќи со тоа во своите граници да потхранува **македонски сепаратизам** (кој) е многу поопасен за Грција.“[1892]

1926 год. *Македонско дело*.

„На нашите читатели им ги претставуваме Декларацијата и извадокот од Уставот на ВМРО (обед[инета]), сместени подолу, кои ги најдовме публикувани во весникот *Балканска федерация*, од каде што и ги преземаме.

Ние од сè срце го поздравуваме големиот и од историско значење за **македонското ослободително движење** факт за создавањето на новата **македонска револуционерна организација**, наречена ВМРО (обедин[ета]), која ги обединува сите револуционерни **македонски сили** од различни струи и нијанси врз базата на принципите и идеите кои ја сочинуваат основата на Манифестот од 6 мај 1924 год.

Може само да нè радува тоа што токму во овој момент на тешка морална криза во **македонското движење**, кога разочарувањето и безверието се обидуваат да проникнат во душата на **македонските маси** и таму да го свијат своето опасно гнездо, како последица на предавството, изневерата и разлагањето на досегашните **македонски водачи**, токму во овој критичен момент се најдоа чесни, исполнети со беззаветен идеализам **македонски синови**, подготвени да го издигнат знамето на идејното и морално обновување во ослободителната борба на **македонскиот роб**.

Македонските маси не можеа да бидат оставени повеќе да бидат труени од заразената атмосфера на гниечкиот и смрдлив труп на протогеровштината, која бесрамно себеси се нарече ВМРО.

Потребно беше да се јават чисти раце и да се издигне едно светло знаме за да се измие најпосле петното на срамот кое е залепено на челото на **македонското име** од Т. Александровци и Протогеровци, овие стари аргати на бугарските чорбаџии, кои се претворија во џелати и ги колеа бугарските селани и работници ’како што Турчин не ги колел‘.

Исто така, не можеше да се остават да ја срамат **македонската чест** предавниците од другиот табор: д-р Терзиевци, Гр. Циклевци, Риндовци, Каламатиевци и др., кои се обидуваат да се претстават под идејната

[1892] Катарџиев, И. „Параноичен страв од култивирање на македонските дијалекти“. *Македонско време*. Скопје, декември 1998: 11 (преземено од брошурата на француски јазик од Иван Шишманов, печатена од дворската печатница во Софија во 1926 година).

физиономија на федерализмот, но кои во суштина им ги продале својата совест и своето име на српските газди и кои ги составуваат кадрите и идејните инспиратори на контрачетите врбувани од Владата на Пашиќ.

Требаше да се јават нови сили и нови водачи, кои ќе го извлечат македонското движење од таа кал на предавството, деморализацијата и разложувањето и ќе го турнат по верните и светлите патишта на вистинската револуционерна борба.

ВМРО (обед[инета]) е на прав пат. Таа е на чисто и на јасно. Таа не лута во магла и не се храни со илузиите за ослободителни интервенции на Д[руштвото] на н[ародите], на Големите Сили или на балканската реакција. Таа ги поставила својата борба и успехот на **македонската кауза** врз солидна база - тоа е единствен револуционерен фронт на сите угнетени народи и потиснати класи на Балканот.

Денес Каранџуловци, Протогеровци и Станишевци во интерес на државната политика на **бугарскиот завојувачки национализам** се откажуваат од автономна и независна Македонија. Тие се враќаат кон времињата на Абдул Хамид и молат само за црковни и училишни слободи. Тоа е тажната судбина на овие збунети **македонски 'патриоти'**, кои ја завршуваат својата кариера како џелати и предавници.

ВМРО (обед[инета]) денес е единствената вистинска револуционерна сила во **македонското движење**. Нејзиното значење е големо, нејзиниот престиж е висок, и нејзиното влијание во најбрзо време целосно ќе ги опфати **македонските маси**.

Иднината ѝ припаѓа на ВМРО (обед[инета]).

За честа на **македонското име** и за среќата на ослободителната **македонска кауза**, денес чистото и светло знаме на Гоце Делчев, Пере Тошев, Д. Груев, Сандански и Димо Х[аџи] Димов со нови сили е подигнато и високо и гордо се вее над главите на македонските маси, канејќи сè што е чесно и борбено да се нареди под него и смело да ја поведе борбата за независна Македонија и балканска федерација.

Тоа е знамето на ВМРО (обединета)!

Од Редакцијата." (*Македонско дело*, год. 1, бр. 15. 10 април 1926).[1893]

1926 год. Васил Коларов, Бугарија. „Ние, бугарските комунисти, отсекогаш сме го признавале барањето на **македонските револуционери за**

[1893] РГАСПИ. ф. 509. оп. 1. д. 70. л. 45-48. Објавено во: *Коминтернът и македонския въпрос (1917 - 1946).* БКП София, 1998. т. 1. Док. № 189.

слобода и независност на Македонија и секогаш сме ја помагале борбата за неговото оставрување според нашите можности. Денеска, повеќе од кога било, ние го признаваме правото на самоопределување на распокинатиот и потчинет **македонски народ** и сме готови на сите можни начини да му помогнеме да стане господар на својата судбина...

На **македонскиот народ** секако му требаат сојузници, но колку повеќе од нив му се нудат, вистинската тешкотија лежи токму во тоа што вистинските сојузници - оние кои се искрени, оние кои имаат интерес да се борат рамо до рамо со **македонскиот народ** против заедничкиот непријател - се разликуваат од невистинските сојузници - тоа се тие што самите, угнетувачи и завојувачи, кои сакаат да ја искористат борбата на потиснатиот **Македонец** за свои завојувачки цели...

Не е никаква тајна дека македонското револуционерно движење внатрешно беше постојано расцепкувано, а надворешно парализирано од таквите ’сојузници‘.

Сите монархофашистички буржоаски балкански влади се впрегнуваат да стават под себе барем еден дел од овој народ, да ги врзат **Македонците** за колата на својата националистичка политика за освојување. И сите тие успеаја во помала или поголема мера. Така се случи што во најрешителниот момент за **македонскиот народ** - за време на Балканските војни - немаше формирано национално-револуционерна македонска организација, силна и единствена, која би можела да се спротивстави на желбата за освојување и поделба што ја покажаа балканските држави. И така беше решена судбината на Македонија, при што во тоа не учествуваше **македонскиот народ**, па тој јарем го тишти и до денес...

Со неискажана радост ја примивме новата ориентација на македонското револуционерно движење која почна да се појавува од 1924 година. Според нашето длабоко уверување, Мајскиот манифест, чии црти еднодушно ги углавија најпаметните и највидовити претставници на македонското револуционерно движење, кои во толку голем број со сопствениот живот ја платија својата политичка смелост и храброста што ги изразија своите идеали; изрично води сметка за поуките на историјата и за новите услови за народната и револуционерна борба...

Меѓутоа, ништо не ќе може да го запре новото вооружување на македонската револуција...[1894]

[1894] *Историска вистина*...: 77-78; Коларов, В. *Балканска Федерация*, 58. 15.12.1926: 1049- 1050.

1926 год. Бугарско-македонски комунистички групи во Америка.

„5) Единствениот излез на **македонскиот народ** за неговата независност лежи во *револуционерното дејствување на самиот* ***македонски народ*** *во согласност со револуционерните работници и селани во секоја балканска земја*...

14) Ги осудува и смета за предавници сите **Македонци** што се ставиле и се стават во услуга на фашистичката Влада на Бугарија, како Протогеров, Михајлов и др., коишто ги убиваат бугарските работници и селани, т.е. оние што фактички се сојузници на **македонскиот револуционерен народ** и искрено работи за независноста на Македонија;

15) Конференцијата високо изјавува дека се однесува благонаклоно спрема организциите и **Македонците** што имаат за цел **национално ослободување на Македонија.**

1926 год. Нувел Мацедониен, Франција. „Централниот комитет на ВМРО изјавува дека вистинскиот мир, стабилен и одржлив, нема да биде воспоставен на Балканот сè додека кој било народ од полуостровот обесправува дел од било кој друг народ. Затоа, сите балкански земји кои допреле во срцето на историјата **со својата национална посебност, вклучувајќи ја и Македонија**, би требало да имаат право да управуваат самите со себе. На тој начин би се создала поволна атмосфера за оформување на соединети држави на Балканот во иднина.

Најголема неправедност по силата на договорот ѝ беше нанесена на Македонија. Според природните закони и според волјата на нејзините жители, оваа земја беше неделива. Сепак, таа беше поделена на три дела. Странската доминација врз Македонија може само да одржи една постојана криза во Балканот. Всушност, оваа криза постои веќе половина век - уште од периодот кога **Македонците** мораа да водат битка за почитување на нивните национални права, на нивната слобода и на нивниот слободен поредок.

Тоа е доказ дека целата политичка комбинација на Балканот без учество на Македонија, а против неа, нема да биде одржлива; како последица на тоа, таа може да биде само штетник.

Имајќи на ум интересите на Македонија, како и интересите на сите балкански земји, Централниот комитет на ВМРО соопштува дека има намера да ја продолжи својата борба до денот кога ќе ја освои автономијата на

Македонија - цел којашто Македонската организација си ја постави уште од првите мигови на своето постоење...[1895]

Станува навистина збор за еден народ. Народ што има свој оргинален етнички карактер, свои традиции, свои стремежи, своја единствена и специфична личност.

Овој народ на самата почва каде што се развил и траел, каде што историјата го посадила, за која е сврзан со своите корени и својата култура, се третира како збир на робови и злосторници.“[1896]

1926 год. Еманоел Дувилард, Швајцарија.[1897]



Collaborateur au Peuple suisse, *puis au* Travail. *Ancien président de la Société pédagogique de la Suisse romande. Président de la Société pédagogique genevoise. Protagoniste de nombreuses réformes scolaires.*

Emanuel Duvillard est le président du Comité de Genève pour la Défense des victimes de la terreur blanche dans les Balkans.

Es-tu Serbe ? Es-tu Bulgare ? Es-tu Grec ou Albanais ? A cette série de questions, le peuple macédonien donne, aujourd'hui comme hier, la même réponse : « Je suis Macédonien. »

Libérée du joug turc, la Macédoine connaît, plus atroces encore, les angoisses d'autrefois. Les exactions turques sont remplacées par des tortures plus savantes, des crimes plus raffinés. Ce peuple ne peut même plus, sous peine de supplice, parler sa langue. Et cependant il n'abdique pas. Plus que jamais, il revendique son indépendance. Que doit penser un citoyen suisse d'une telle aspiration ? Doit-il la considérer comme légitime ?

Citoyen suisse, je me solidarise avec mes frères de Macédoine : je souhaite, de toute mon âme, qu'ils obtiennent dans le cadre balkanique l'autonomie qu'ils réclament et à laquelle ils ont droit. Tous les adversaires de l'impérialisme capitaliste doivent désirer pour la paix de l'Europe la fédération des peuples balkaniques. Cette fédération nous épargnera la prochaine grande guerre. Car, il ne faut pas l'oublier, la question macédonienne est au centre même de la question balkanique. La fédération des peuples balkaniques est souhaitable, non seulement pour la Macédoine, mais encore pour les minorités ethniques de Grèce, de Yougoslavie et de Roumanie, dont les droits n'ont pas été respectés par les traités, dits secondaires, signés après la guerre mondiale.

Еманоел Дувилард и неговиот напис во весникот *Балканска федерација* за сведоштвото за Македонците, кои, кога биле распрашувани дали се Срби, Бугари, дали се Грци или Албанци, тие одговарале како и претходно: **„Јас сум Македонец“**.

1927 год Георги Кулишев, Бугарија. Авторот го коментира прилогот во лондонскиот весник *Тајмс* за македонското прашање: „Две главни ситуации се опфатени во белешката на големиот лондонски весник. Првата се однесува на

[1895] *Македонија во* ... : 536-537; *Нувел Маседониен*, 5.9.1926.

[1896] *Сведоштва за македонскиот идентитет*..., 261; *За македонскиот јазик*, 31.

[1897] Активист за човекови права, претседател Асоцијацијата на педагози на Швајцарија и еден од реформаторите на школството и претседател на Женевскиот комитет за безбедност на Балканот; професор на Институтот „Жан Жак Русо“.

тоа дека Внатрешната македонска револуционерана организација го изоставила засега револуционерниот метод и го усвоила методот на политичката агитација и пропаганда. Втората од овие ситуации е дека **Македонците** - и посебно статиите на новооснованиот македонски дневен весник во Софија - се стремеа да ја популаризираат идејата за една **'македонска' нација,** која е **независна од бугарската** и која ги вклучува не само Бугарите во Македонија туку исто така и сите други елементи... Треба да си припомниме дека во етничка смисла одделена македонска нација не постои..."[1898]

1927 год. Глигор Атанасов.[1899]

„ДОВЕРЛИВО

До Кралскиот конзулат на Италија - Скопје

Борбата за слобода која **Македонците** десетина години ја водеа со најголем самопрегор, во Балканската и Светската војна, за жал, заврши со поделба на Македонија, додека на народот му е наметнато ново ропство.

Оваа нова положба нас **Македонците** нѐ поттикнува на нова борба, не само за слобода која ја уживаат сите цивилизирани и културни народи во Европа, туку и за зачувување на нашиот национален карактер како народ.

Кога Србите ја освоија Македонија, во неа воведоа ужасен режим. Тие се служат со сите средства: терористички, насилни, со корупција, со цел србизција на **Македонците**.

Навистина засега не постигнале позначајни успеси, бидејќи енергијата на народот е сѐ уште жива и отпорна, но нивните заложби и нивната работа на денационализацијата на **Македонците** е сѐ поинтензивна.

Главно, српската политика во Македонија, без оглед на партиската припадност, ја карактеризира следнава тенденција: уништување на **национлниот дух на Македонците**, економско уништување на **Македонците** кои пред тоа живееа тука, населување во Македонија на што поголем број Срби на кои им даваат секаков вид олеснувања, така што за многу долг период Македонија може да ја измени својата физиономија од национален аспект.

Пред таквата опасна намера може да се спасиме само со решителна борба, со цврста и силна организција. Борбата за слобода и за зачувување на нашата национална свест ја водиме од 1913 година наваму, со најголема

[1898] *Македонија во ...* , 262-265; Кулишев, Г. „Духовно единствени, политички разделени". *Македонија*. Софија, 10.3.1927: 2.

[1899] Адвокат и пратеник во Собранието на СХС.

енергија и најголеми жртви од страна на нашата емиграција, т.е. на **Македонската револуционерна организција**.

Во последниве години Организацијата ја заврши својата историска задача, превасходна за нас **Македонците**: таа го зачува од целосно уништување организмот на **македонскиот народ**, уморен од долги години борба со Турците, од неколку години војна и силно угнетуван со секаков вид терор.

Таа успеа да го зачува националниот дух и да го одржи во живот борбениот дух на **Македонците**, особено кај новата генерација. Денес меѓу нас **Македонците**, во Македонија, како и меѓу емиграцијата, постојат доволно сили за борба.

Треба само тие сили во Македонија да се организираат врз цврсти темели и да се овозможи, во актуелните околности, легална борба против Владата и нелегалната борба во поволни политички мигови.

Веќе подолго време неуморно работиме во таа смисла. За таа цел, јас, како пратеник во парламентот од 1919 до 1925 година, јавно се залагав за создавање независна македонска политичка партија, бидејќи јас и некои политички пријатели од разни делови на Македонија забележавме дека нашиот народ е многу опасно сопствените сили да ги троши во борбата меѓу српските политички партии бидејќи сите, без рзлика, водат слична политика што се однесува до **Македонците.**

Нашата цел, пред сè, е мобилизирање на силите на народот и обединување на сите **Македонци** во една силна и компактна национлна организција која би била слободна - како што и веќе кажав погоре - за легална и нелегална борба за одбрана на своите луѓе, на националните и политички права и за стекнување на нашата слобода и незвисност...

Затоа си дозволувам да го замолам В. Г. од вашата славна Влада да ни обезбеди финансиска помош од 700 000 динари кои ќе ги употребиме за организирње на населението и за основање на наш весник во Скопје, бидејќи засега немаме јавен орган кој би можел да им послужи на нашите национални интереси.

Покрај наведените финансиски средства, сметам дека за засилување на врските меѓу италијанскиот и **македонскиот народ** би било полезно да ги воспитуваме и образуваме младите кадри на италијанските универзитети.“[1900]

1927 год. ПК на КПЈ за Македонија. „Ужасен бел терор, многубројни апсења и претепувања, жандармериски воени потери, ново притиснување и

[1900] *Италијански дипломатски* ... : 318-320.

ограбување на поробениот **македонски народ** - тоа се мерките со кои великосрпскиот режим одговори на поединечните обиди од страна на врховистите. Неколку стотици **Македонци**, меѓу кои наши другари, чмаат сега по затворите без да се виновни за тоа, туку да се заплашат останатите **Македонци** и молкум да го поднесуваат сето она што им го натовари српскиот режим...

Притоа, **македонското национлно прашање** не се решава по начинот по кој се обидуваат да го решаваат врховистите. Така не може да се реши по две причини: прво, затоа што нејзините акции добро се користат од великосрпскиот режим за засилување на теророт што се врши врз **Македонците**. И последиците на овој терор се ужасите што денес ги поднесува **Македонецот**. А со овој свој терор српскиот империјализам цели и социјално и национално успешно да го угнетува и задушува **македонскиот народ**...

Најпосле, врховистите како организција не водат политика за ослободување на Македонија, ами целата нивна дејност му служи на бугарскиот империјализам и тие се многу добро искористени од последниот. Луѓето што помогаа да се задуши слободата во Бугарија, не можат да ѝ донесат слобода на Македонија.“[1901]

1927 год. Оливер Ц. Харви, Велика Британија.[1902] „Славофонското население во српска Македонија[1903] дефинитивно се смета за различно од Србите. Доколку ги запрашате за нивната националност, тие велат дека се **Македонци** и дека говорат **македонски дијалект**.“[1904]

1927 год. Алфред Рапапорт, Австрија. Рапапорт бил австроунгарски дипломат во Македонија од 1904 - 1909 година, и тоа како заменик-конзул и конзул во Битола и Скопје. Тој за Илинденското востание пишува: „...меѓу револуционерните потфати на нашиот век, **македонското востание** од 1903 година, кое го носи за навек славното име Илинденско (денот на Св. Илија), е едно најмаркантните востанија.“[1905]

„Илинденското востание е и засекогаш ќе остане еден голем настан во историјата на **македонската кауза**. Бидејќи, иако не беше ниту прво, а, за жал,

---

[1901] *Документи за борбата...*, том 2: 139-140; *La Fèdèration Balkanique*, IV anée I Aoüt, 1928, 72 - 73, 1687.

[1902] Оливер Ц. Харви, дипломат на Министерството за надворешни работи на Велика Британија.

[1903] Се мисли на Македонците од вардарскиот дел на Македонија.

[1904] Џинго, Т. *Велика Британија ...* : 71.

[1905] Матковски, А. *Македонија во делата*..., 9; „Разговор со водачот на бунтовниците“. *Рајх-спост*. Виена, 26.1.1924: 501.

ниту последно востание на **Македонците**, оваа револуција за нив ќе биде засекогаш херојска епоха, како што за **Србите** беа подвизите на Караѓорѓе, за **Грците** оние на Колокотронис, Мавромикалис и Миаулис, а за **Бугарите** од кралството, незаборавното востание од 1876 година..."

„Организацијата се сметаше и сè уште се смета како влада и во исто време, како Главен штаб на една држава, сè уште непостоечка, а таа се служи со нејзините надлежности и нејзините права за да го продолжи остварувањето на својот идеал. Очигледно е дека оваа концепција не може да одговара ниту на националните законодавства ниту на меѓународното право, но ако сакаме да ја отстраниме неправдата кон **Македонците**, тогаш треба да се отстрани токму оваа грешка, а не нивните посебни акции да се третираат како обично разбојништво. Затоа, тргнувајќи од аспект на тоа што **македонските чети** дејствуваат како органи на идната влада и како војска на Главниот штаб што се бори за идната слобода, не ќе се чудиме повеќе што **македонските револуционери** си присвојуваат административни, законодавни, па дури и финансиски права на една влада, или што заземаат став на завојувана страна."[1906]

1927 год. Јерина Марковиќ, Кралство СХС/Југославија.[1907]

„До Управникот на училиштето Милојко Веселиовиќ за школскиот надзорник во Битола...

Кога стапив на должност во ова одделение, започнав да се запознавам со децата и на мое големо изненадување од самите ученици го слушнав ова: 'Госпоѓа, ние не разбираме што зборувате, ние сакаме да ни зборувате на **македонски**'. Се трудев да ги убедам дека **македонскиот јазик** не постои, меѓутоа, времето беше многу кратко, поради што ми беше невозможно да постигнам успех кај децата."[1908]

1927 год. Ѓорѓе Тасиќ, Кралство СХС/Југославија.[1909] „Во текот на оваа учебна година од северните краишта е преместена во Битола г. Јерина Марковиќ, на која ѝ доверив едно трето одделение и која на прв поглед изгледа добро го владее литературниот јазик. Меѓутоа, за време на прегледот на работата во нејзиното одделение констатирав нешто што и таа го признава

[1906] Матковски, А. *Македонија во ...* : 7-51; Rappaport, A. *Au Pays des Martyrs: notes et suvenirs d'un ancient consul general d'Autriche-Hongrie en Macedonie (1904 - 1909), ouvrage accompagne de 54 illustrations documentaires*. Paris, 1927.

[1907] Српска учителка во Битолско.

[1908] *Документи за борбата*..., том 2: 135 - 136; АЈ. Ф. М. П., фасц, 62, 1927.

[1909] Училишен инспектор.


при нејзиниот распит. Децата одговарале дека се ***Македонци*** и дека зборуваат **македонски јазик.“**[1910]

1927 год. Командntот на Третата армиска област, Кралство СХС/Југославија.

По патот од Скопје до Велес, а во рзговор за македонското прашање, Глигорие Поповиќ од Прилеп, студент на белградскиот Медицински факултет, го рекол ова:

„Нас студентите од Македонија во Белград нè следат тајни агенти, бидејќи не ни веруваат, меѓутоа, тие можат да прават што сакаат, ние остануваме само **Македонци**... Србите во Воената академија им прават на **Македонците** сè што можат, само да ги приврзат за себе, меѓутоа, тие остануваат само **Македонци**, па макар што Србите да им прават или да не им прават...“[1911]

1927 год. Лични и официјални документи на Димитри Антони Кочов, Австралија. Во документот за неговото пристигнување во Австралија и неговата апликација за престој, на Димитри Кочов, пишува дека потеклото на пасошот му е од Македонија (прва фотографија), иако неговиот оргинален пасош е создаден од грчката држава (втора фотографија), бидејќи бил роден 1904 година и живеел во Кономлади, Егејска Македонија. Во официјалниот Службен весник на Австралија (трета фотографија) пишува дека Димитри Антони Кочов е од македонска националност, роден во Кономлади, Македонија и престојува 5 години во Австралија...


Name Dimitry Anthony KOCHOFF.

Origin of Passport Macedonia. 9/3/27. No. 466.

Port of Landing [redacted]


Date of Arrival 6/6/27. Name of Vessel ephes.


Date of Departure, if stated

REMARKS APPLICANT FOR NATURALIZATION, W.A.8399.

[1910] *Документи за борбата*..., том 2: 136; АЈ. Ф. М. П., фасц.62, 1927.

[1911] *Документи за борбата*..., том 2: 137; АЈ. Ф. М. П., К.. 61, ар. Ед. 160, пов.бр. 2510, 1927.





NATURALISATION NOTICES.

Naturalisation Notices, 6/ per insertion Ordinary Formula.

I, DIMITRY ANTHONY KOCHOFF, of Macedonian Nationality, born at Komonlaty, Macedonia, and resident 5 years in Australia, now residing at Narembeen, Western Australia, intend to apply for Naturalisation under the Nationality Act, 1920-30.


1927 год. Леонард Шулце Јена, Германија.[1912] „Пропаднаа заложбите да се подели главнината на **македонските Словени** според етнографските критериуми на Срби и Бугари. А ниту еден човек од крв и месо нема да му дозволи да му се одредува неговата припадност кон некоја определена етничка зедница.“[1913]

1927 год. Весник *Ел сол*, Шпанија. „Сега Југославија не сака да го именува тоа малцинство што постои во нејзините граници од времето на Балканските војни, затоа што нејзината политика, не многу пријателска кон Бугарија, претпочита да ги нарекува Бугари, додека тие самите се нарекуваат **Македонци**. Денес, кога проблемот може да се види сосема јасно, нека

[1912] Леонард Шулце Јена (1872 - 1955), еден од првите познати македонисти од Гермнија.

[1913] Ошлис, В. *Гермакедонија...* : 26; Schultze-Jena, L. *Makedonien - Landschafts und Kulturblilder*. Jena, 1927.

дадеме осврт на ова движење за независност. Македонија е земја со 65 000 квадратни километри. Нејзините 2 300 000 жители веќе подолго време се борат за независност, со упорност што Турција долго ќе ја помни.“[1914]



HERALDO DE MADRID

Año XXXVIII.—Núm. 13.233 Red. y Ad., Marqués de Cubas, 7 Miércoles 27 de junio de 1928 No se devuelven los originales EDICION DE LA NOCHE

[redacted]

VIENA 27.—Según noticias confidenciales de Belgrado, la Legación serbia en París, de acuerdo con la Mano Blanca, ha enviado a las principales capitales de Europa y América agentes encargados de denigrar la labor de los representantes croatas, macedonios y montenegrinos que en el extranjero trabajan por la liberación e independencia de su patria.

La mayoría de estos nuevos agentes ha sido escogida entre los mismos croatas, macedonios y montenegrinos que han renegado de su patria, y que, dada su nacionalidad, pueden con mayor facilidad sorprender la buena fe de la gente.—Radio.

[redacted]

1928 год. Весник *Хералдо де Мадрид*, Шпанија. „Виена, 27 јуни 1928 - Според доверливи извори од Белград, ’Српското наследство‘ во соработка со ’Бела рака‘ има испратено агенти во поважните престолнини во Европа и Америка за да ја оцрнува дејноста на претставниците Хрвати, **Македонци** и Црногорци коишто во странство работаат за ослободување и независност на својата татковина. Поголемиот дел од тие нови агенти се прикриени меѓу самите Хрвати, **Македонци** и Црногорци што се одметнале од својата татковина и така со оглед на нивната националност да можат со голема леснотија да ја подриват вербата кај луѓето.“[1915]

1928 год. Весник *Ел Либерал*. „Берн 1928 - На последната средба на балканските малцинства во оваа престолнина, меѓу кои, учество зедоа Хрвати, Словенци, Албанци, **Македонци**, се донесе одлука да се информира генералниот секретар на Лигата на нации во врска со различните националности потчинети на српската политика.“[1916]

[1914] *El Sol*. Madrid, de septimbre de 21 de 1927; Macedonia: a True Endless Story… 2 мај 2020.

[1915] *Heraldo de Madrid*. Madrid, 27 de junie de 1928; Macedonia: a True Endless Story… 7 мај 2020.

[1916] *El Liberal*. Madrid, num. 17.126, 4 de majo de 1928; Macedonia: a True Endless Story… 7 мај 2020.

1928 год. Весник *Хералдо де Мадрид*. „Битола, 1928 - Српскиот суд осуди 12 **македонски патриоти** на казни од 5 до 12 години. Обвинетите немаат причинето никаков конкретен криминал, само се истакнувале како добри патриоти што копнеат по слободата на својата земја.“[1917]

1928 год. Македонски граѓани.

„ГОЛГОТАТА НА **МАКЕДОНСКИОТ НАРОД**. МАКЕДОНИЈА ОБВИНУВА. АПЕЛ,[1918]

Тоа што се има случено во последно време во Македонија и тоа што сега се случува, нѐ принуди да Ви се обрнеме и да Ви го упатиме овој апел, очекувајќи дека ќе преземете нешто за спасување на **македонското население** од денешните ужаси.

Македонија страда. Тоа што се случува во неа повеќе не може да се поднесе. Дојде такво време што ние овде не знаеме дали ќе осамнеме ако сме замркнале ниту дали ќе замркнеме доколку сме осамнале.

Овде народот се наоѓа во очајна состојба. Од една страна, Протогеров ги испраќа своите чети за да прават атентати од кои скоро секојпат страдаат невини **Македонци**. Од друга страна, денешниот режим секој таков обид за атентат, без оглед дали успеал или не, го користи за да воведува овде сѐ посилен терор којшто само води кон зло.

И така, преку нашата кожа се води спор чија е Македонија, а од тоа пресметување страдаат само **Македонците**, иако не соучествуваат во тоа и ја осудуваат и едната и другата страна... (следат наброени многу примери на злосторства сторени од двете страни против населението во Македонија).

Ние сакаме само да ни се осигура животот, да ни се даде барем толку сигурност за да не може утре по ќефот на полицијата да се најдеме зад катинарот или да почиваме под земја по сите претрпени маки.

Или ако нема друга помош, тогаш нека се нареди општо колење, нека се истребат сите **Македонци**, та еднаш засекогаш да завршат сите ужаси што

[1917] *Heraldo de Madrid*. Madrid, 2 de majo de 1928; Macedonia: a True Endless Story… 7 мај 2020.

[1918] Овој апел бил упатен од редакцијата на повеќе весници: *Новости*, *Рад*, *Одјек*, *Реч*, *Политика* во Белград; *Дом*, *Обзор* и *Ријеч* во Загреб итн. Потоа, до редакција на списанијата: *Књижевни гласник*, *Мисао*, *Будућност* во Белград; *Нова Европа* и *Књижевна република* во Загеб. Исто така, Апелот бил упатен во ректоратите на универзитетите во Белград, Загреб и Љубљана; до клубовите на народните пратеници, до истакнати политички, јавни и културни работници, како што биле Светозар Прибичевиќ, Стјепан Радиќ, Љуба Давидовиќ, Слободан Јовановиќ, Драгољуб Јовановиќ, Јаша Продановиќ, Мирослав Крлежа, Анте Трумбиќ и др. Апелот го објавил само весникот *Борба*.

ги преживуваме сега. Тогаш ќе бидат мирни и Протогеровци и полицијата на Вукичевиќ, а, пред сè, ќе бидеме мирни ние, македонските граѓани, кои страдаме од нивното пресметување.

На крај да споменеме дека во прво време мислевме да образуваме една депутација која во Скупштината ќе ги изнесе сите овие факти, но свесни дека потоа ретко кој од таа депутација би останал жив; доколку би се вратил овде, ние го одбравме овој пат и начин, верувајќи дека ќе се ангажирате оваа неиздржлива положба кај нас да престане.

Македонски граѓани“[1919]

1928 год.(?) Специјален кореспондент од Балканот, Бугарија. „Во српска Македонија не може да се најдат никакви привржаници за присоединувањето на Македонија кон Бугарија... Паролата на народот во Македонија гласи: ’Ние не сме ниту Срби, ниту Бугари, туку **Македонци** - тоа значи ние сме нешто различно во етнографска и национална смисла‘. Неговиот политички идеал е ’Автономија на Македонија, не во границите на Југославија‘, туку со ’претпоставка за обединување на цела Македонија во целосна единица - на српскиот, на грчкиот со Солун и на бугарскиот дел, и давање можност **Македонците** да го развијат сопствениот културен и национален живот... ’Македонија треба да се управува од **Македонци**, а не од туѓи на земјата чиновници кои што го ограбуваат населението‘.“[1920]

1928 год. Меморандум од Министерството за надворешни работи на В. Британија - „Македонското прашање и активностите на комитџиите“. „**Македо-Словените** се различни од Бугарите и од Србите...“[1921]

1928 год. Стеван С. Хаџиќ, министер на војската и морнарицата на Кралството СХС, Кралство СХС/Југославија.[1922]

„Врз основа на досега добиените и проверените податоци за приликите во Кривопаланечката Околија, дојдов до заклучок дека и таму како и во некои краишта на нашата држава е потребно да се отсранат во прв ред чиновниците кои се родум од овие краишта и чие однесување јасно покажува

[1919] *Документи за борбата…*, том 2: 25-29; *La Fèdèration Balkanique*, IV/85. 1.2.1928: 1749-1750.
[1920] ЦДА, София, ф. 10, БКФ, оп. 1, а.е. 36, л.1.
[1921] Џинго, Т. *Велика Британија ...* : 75.
[1922] Станува збор за писмо на наведениот министер до министерот за просвета за потребата од отстранување на несигурните чиновници.

дека не само да не се пријатели на нашата национална идеја, туку, напротив, меѓу народот го поддржуваат антидржавното расположение и надеж во некакво ’ослободување‘.

Од гореприведенатa причина, веднаш е потребно да се премести од Јужна Србија учителот Миливоје Маревиќ, родум од Кратово, кој е главен повереник на познатиот поп Трајко Арсиќ, кој имал намера да основа ’**македонска партија‘** за која и сега работи. Овој Маџаревиќ е секојпат во друштво на членови од ’**Македонското здружение‘**, кое потајно работи за македонското дело.

Доставувајќи Ви го предното, господине министре, чест ми е да Ве замолам именуваниот веднаш да го преместите во некое место во предвоена Србија, што подалеку од бугарската граница, бидејќи тоа неминовно го бараат нашите општи интереси, а исто така од Јужна Србија да се отстранат и сите чиновници - домородци на потчинетото Ви министерство...“[1923]

1928 год. *Њујорк тајмс*, САД. „НЕКАДЕ ВО МАКЕДОНИЈА - Македонија не претставува толку многу лонец од измешани народи туку лонец што врие. Доминантен е бугарскиот, но постојат и десетици други народи...

Во Македонија има **Турци, Власи, Бугари, Срби, Грци, Романци, Роми, Евреи, Албанци и Македонци**... И потоа продира друг фактор - Македонија не е само кормило на Балканот. Таа е за цела една генерација арена каде што се спојуваат меѓународната љубомора и ривалствата на Големите Сили.

Заедничко со Бугарија, Грција и Србија за Македонија било тоа што биле дел од Османлиската Империја во Европа. Разликата е во тоа што **Македонија** никогаш не се појавила како слободна држава, освен 13 дена[1924] во 1903 год., а другите земји со години биле политички ентитети. Македонија била проголтана од другите три, односно таа никогаш не постоела политички, освен како дел од трите земји. Дури и во текот на турските времиња, Македонија била поделена на три вилаети или области, сметајќи ги оние во Скопје, Салоники и Монастир. Со други зборови, Турците заради административни цели насилно ја поделиле Македонија на делови што постојат и денес.

НЕМА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК. Тука се појавува еден коренит парадокс. **Македонија е економски, политички, расен и особено психолошки ентитет -**

[1923] *Документи за борбата*..., том 2: 31.

[1924] Се мисли на Крушевската Република.

така се изјасниле членовите на Македонската револуционерна организација. Тоа би можело да биде вистина, но таа никогаш не постоела како ентитет. Таа прво била поделена на турски области, а потоа заземена од Грција, Југославија и Бугарија. Но **народот и покрај сè останал македонски**. Родено каде било на огромната област од албанската граница до Салоники, од Ниш надолу кон Вардарска Долина, па сè до морето, без разлика на политичките граници, едно момче или девојче не станува ни Бугарин, ни Југословен, а ни Грк - кога доаѓа од '**македонско**' семејство тоа е **Македонец**. И тој **Македонец** има здрав национализам исто како и ирскиот. Тој се сели во Софија, емигрира во Америка, но тој останува **Македонец** поради верноста кон една невидлива земја која има само психолошки граници.

И тука се појавува и вториот коренит парадокс. Не постои македонска 'раса' или 'јазик'. Генерално, комплетните власти се согласуваат дека **Македонците** се Бугари... Но ако повеќето Македонци се Бугари, секој Бугарин не е Македонец..."[1925]

1928 год. Анри Барбис, Франција.[1926]

„Драг граѓанину,

Лигата за права на човекот, според своето минато, по својата политичка и социјална важност којашто таа ја има во Франција и во странство, не може да презема една мѓународна акција која не би можела да има сериозни последици. Затоа (нечитко) ги запрепастија, па потоа ги индигнираше бројните балкански средини кога се утврди дека Лигата, со дело и со збор, во многу прилики се заземала за Организацијата на македонските фашисти, кој сега, благодарејќи на нашите откритија, добро позната (нечитко), како Внатрешна македонска организација, под управата на генералот Протогеров и Иван Михајлов."

Барбис потоа наведува што била оваа организација во минатото, а што е сега, и го изнесува целиот нејзин историјат од 1893 па наваму, како и историјатот на Врховниот комитет кој е создаден против ВМРО, а во кој биле едноставно агенти на софискиот двор кои работеле на анексијата на Македонија кон Бугарија...

[1925] *Македонија во странскиот печат*..., 560-563 (*Чарлстон дејли мејл*, 31 јануари 1928).

[1926] Анри Барбис (1873 - 1935), франацуски писател, хуманист и борец за човекови и национални права, под наслов *Вистина за Протогеровата внатрешна македонска револуционерна организација*, упати отворено писмо датирано на 25.5.1928 година, односно пред смртта на Александар Протогеров до Виктор Баш и Лигата за права на човекот.

Додека ВМРО се борела за **македонскиот народ**, за неговите права, тие од софискиот комитет множеа атентати, исто така како што тоа го прават и денес. Со воен упад во 1902 година во Горна Џумаја и Струмица тие го предизвикаа турскиот башибозук кој го масакрираше македонското население и го втурна во Илинденското востание. А кога оние од ВМРО создадоа легална партија под име Народна федерална партија и ја прекинале својата конспиративна дејност, оние од Врховниот комитет им го презедоа и името и управата. Од тогаш ВМРО е просто орудие на бугарските власти за нивните меѓународни политички операции...

Кога ВМРО станала орган на Врховниот комитет, Протогеров бил оној кој како помошник на генералот Цончев, со помош на Тодор Александров, беше апсолутен нејзин господар и го водеше ВМРО до 1924 година. Резултатите на тоа беа катастрофални по самите **Македонци**...“[1927]

1928 год. Антоан Меје, Франција.[1928]„**Говорите на Македонија** се дел од јужнословенската група... Нивните говори, различни меѓу себе, не се заправо ни српски ни бугарски, особено кога се мисли на писмениот бугарски јазик којшто се заснова врз говори доста оддалечени од **македонските говори**... Учителите на бугарските или бугаризираните училишта спровеле во Македонија силна акција во последната третина на XIX век, и тоа им даде основа на Бугарите да ја присвојуваат земјата за својот општ јазик...

Всушност, овие говори не припаѓаат заправо ни кон едната ни кон другата група што се расправаат за нив... Детински е лингвистиката да интервенира во гранични прашања од ваков вид. Политиката ќе ја реши јазичната иднина на Македонија.“[1929]

1929 год. Петар Скок, Кралство СХС/Југославија. „Јас ги испитував и македонските Словени како го нарекуваат својот јазик. Секаде го добив одговорот **„македонски“**. Истиот термин го употребуваат и Власите кога зборуваат со македонскиот српско-хрватски[1930] дијалект. Немав добиено одговор „бугарски“ ниту во Прилеп од луѓето кои завршиле бугарско

[1927] „Једно страно мишљење о македонствујушчима: г. Анри Барбис о Македонствујушчима“. *Правда*, бр. 209. Београд, 5.8.1928: 5.

[1928] Антоан Меје - фрнцуски лигвист, индоевропеист.

[1929] *Документи за борбата*..., том 2: 72.

[1930] Професорот Скок го застапувал официјалниот став на тогашното Кралство СХС, но сепак признава дека Македонците секаде низ Македонија својот јазик го нарекувале како „македонски“.

училиште. Дури беа свесни за разликите на бугарскиот и македонскиот говор. Тие ми зборуваа за други нешта кои сè уште не сум ги публикувал..."[1931]

1929 год. Тихомир Ѓорѓевиќ, Кралство СХС/Југославија.[1932] Иако Ѓорѓевиќ, како и други српски историчари Македонците во тој период ги поистоветуваат со Србите, тој, но и другите сè уште ги употребувале термините Македонец и Македонци: „Кога во октомври 1689 година од политички причини Австрија го затвори водачот на српскиот народ, Ѓорѓе Бранковиќ, на негово место сиот српски народ во Австрија го избра за свој подвојвода (Vice ductor nationis Serbicae) **Македонецот** по потекло од Битола - Јован Монастерлија...[1933]

1929 год. Разузнувачко одделение на Главниот штаб на Министерството на војската, **Кралство СХС/Југославија.** Во архивата на ова одделение е доставена Декларација од група членови на ВМРО од Воден (28 јуни 1929): „**Македонскиот народ** повеќе од 40 години водеше епски борби за своето ослободување... Ние сме **Македонци** и такви ќе останеме, доста се храневме со фантазии и предолго време бевме жртва на утопии и сентиментализам. Раскинатото тело на Македонија со динамитни рани бара брза и ефикасна помош. Војните до 1912 и од 1914 - 1918 година за нас **Македонците** донесоа жални и катастрофални резултати - поделбата и раскинувањето на нашата татковина. И овој факт за последен пат ни докажува дека сите патишта по кои сме оделе и по кои продолжуваат да одат Љапчевци, В'лковци, Ив. Михајловци, слепи орудија... ние да изградиме нов пат, патот до блиското реализирање на нашето обединување во заедничкото семејство на јужните Словени. Така поставеното македонско прашање во врска со политичката положба на Балканот и во Европа не може да не го добие своето разрешување...

Илинденското востание е гордост на **македонскиот народ**. **Македонскиот народ** чувствува во себе сили да направи уште една илинденска епопеја, да ја пролее својата крв, но да ги обедини своите поделени делови... треба да се создаде една моќна **македонска национална револуционерна организација** која ќе ги обедини трите раскинати дела. Таа

[1931] Скок, П. „Критиковање г. Младенова". *Гласник скопског научног друштва*, књига V. Скопље, 1929: 337.

[1932] Познат српски историчар.

[1933] Ѓорѓевић, Т. *Македонија*. Београд, 1929: 83.

треба да биде далеку од секакви класни и политички тенденции кои ќе ѝ пречат на чистиот ослободителен и обединителен карактер... Престижот и силата на Балканот денес е во рацете на денешна Југославија. Нејзина должност и право е таа да ги поткрепи борбата на **Македонците** за национално и економско обединување во едно политичко цело во рамките на самата Југославија.

Така создадената организација си ги поставува следните политички цели и задачи:

1. населението во трите дела на Македонија се организира во единствена револуцинерна организација која ќе ја поддржува неговата **македонска национална свест** и ќе го подготвува за револуционерно востание..."[1934]

1929 год. Македонска национална револуционерна организација - Георги Занков и д-р Филип Атанасов, Кралство СХС/Југославија.[1935]

„ДЕКЛАРАЦИЈА

Борбите кои се водат на Балканот веќе неколку децении од политички, економски и социјални побуди даваат една јасна слика од која современиците воодушевени од идејата на сопственото обединување на јужните Словени, сфаќаат дека е крајно време да пружат братска рака едни на други и да извикнат: 'доста на крвавите меѓусебни борби - словенската земја на Словените'. Тоа е знамето и спасоносната парола за целото јужнословенство кое се наоѓа загрозено било од сопстеното самоистребување било од поблиски или подалечни надворешнополитички непријатели...

Македонскиот народ повеќе од 40 години води епска борба за своето ослободување. Одушевувањето за таа борба беше и кај двата братски народи и кај Бугарите и кај Србите. И едните и другите работеа, покрај материјалните и моралните жртви, да му се помогне во борбата со неподносливиот султански режим. Сето тоа било идеално изведено. **Македонскиот народ**, покрај помошта, водел и самостојна борба за свое ослободување. Така било сè до по Илинденското востание. Ситуацијата по востанието пак се изменила.

[1934] Архив Србије, Београд, Ф. Министарство војске, Главни генералштаб, Обавештајно одељење, 1927 - 1935, К.4. „Декларација".

[1935] Познати членови, т.н. национал-федералисти биле: во Цариград - Г. Занков, М. Герџиков, П. Шатев и Наум Терзиовски; во Софија - Лазар Поповски, д-р Филип Атанасов и Христо Цветков; војводите Славе Иванов, Мише Шкатров, Петар Ацев, Христо Апов, Георги Кондов, Георги Гевгелиски и д-р Даскалов.

Различните империјалистички желби добиле интензитет. Многумина од лидерите на востанието се ставиле во служба на тие желби... 'Одејќи по тој пат се создаде балкански сојуз, а веднаш потоа и делба на Македонија...'

Ние Македонците сметаме дека индиферентното држење на Бугарите и Србите е штетно во однос на нашите браќа во Македонија под Грците. Во денешните борби за престиж и хегемонија на Балканот доби Србија, која создаде почеток за создавање на југословенско единство. Таа ги обедини Хрватите и Словенците, нејзино право и долг е тоа да го направи и со Бугарите и **Македонците**...

Ние сме **Македонци** и такви ќе останеме. Доста горчини почувствувавме од мечтаења, а и премногу бевме жртви на утопијата и сентименталноста. Раскинатото тело на Македонија со отворените рани бара брза и ефикасна помош. Борбите, случувањата и големите народни катастрофи нè научија работите да ги гледаме такви какви што се, и од претераната сентименталност да постанеме вистински реалисти. Војните од 1912 - 1913 и оние од 1914 - 1918 година нам **Македонците** ни донесоа тажни и катастрофални резултати, поделба и парчосување на нашата татковина. Тие факти ни докажуваат дека сите патишта по кои сме оделе и по кои продолжуваат Љапчевци, Влковци, Ив. Михајловци, се слепи орудија на италијанскиот империјализам...

Илинденското востание е гордост на **македонскиот народ**. Тој **македонски народ** чувствува дека има сила во себе да реализира втора илинденска епопеја, да пролее крв и да ги обедини разединетите делови, верувајќи длабоко дека нашите браќа Срби, Хрвати и Словенци, од една страна, и Бугарите, од друга страна, ќе ја помогнат од сето срце нашата борба и ќе притекнат на помош за да се оствари нашиот идеал, сметајќи дека тоа е и нивен, затоа што на таков начин би се постигнало југословенско единство, кој ќе стави крај на толкуте безсмислени борби и големи жртви.

Со таа цел ние дојдовме на идеја дека треба да се основа една моќна **МАКЕДОНСКА НАЦИОНАЛНА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА** која би ги опфаќала сите три разделени делови на Македонија..."[1936]

[1936] Џамбазовски, К. „Два документа за проучувањето на националниот развиток на македонскиот народ меѓу двете светски војни". *Историја*, 2. Скопје, 1973: 281-293; Архив Србије, фонд: Министарство војске и морнарице, Главни генералштаб, Обавештајно одељење, 1920 - 1935, Ф. III, Декларација 29.6.1929 год.

1929 год. Резолуција на ВМРО (обединета)

„РЕЗОЛУЦИЈА ПО МЕЃУНАРОДНАТА И ВНАТРЕШНАТА ПОЛОЖБА НА МАКЕДОНИЈА И ПРЕСТОЈНИТЕ ЗАД**АЧИ НА ВМРО (ОБЕДИНЕТА)**...

Постојните задачи на ВМРО (обединета)

1. ВМРО (обединета) се јавува како изразувач на тежненијата на **македонскиот народ** за ослободување од новосоздадената положба по поделбата на Македонија, по силата на ропските договори од 1913 и 1919 година.
2. ВМРО (обединета) се бори за независна обединета Македонија зашто населението во Македонија е разнородно по национален состав, тоа е испреплетено; во едно исто место, дури во една иста околија, живеат по неколку народности. Поради тоа приклучувањето на одреден дел од Македонија или на цела Македонија кон една или друга од државите меѓу кои таа е поделена нема да доведе до националното ослободување на сите народности во неа. При соединувањето на цела Македонија или на дел од неа, на пример, кон Бугарија значи национално ропство на македонските небугари; истото важи за Србија и Грција. Надвор од тоа, **Македонија претставува едно географско и економско, но и едно национално тело**.
3. ВМРО (обединета) се бори за балканска федерација, за федерација на слободните народи републики на Балканот. Во политички однос, балканската федерација ќе биде една голема самостојна држава, во економски поглед таа ќе претставува една голема економска целост, во воен однос една голема воена сила и балканските народи ќе престаната да бидат вазали на империјалистичките држави... Анкетата за Македонија и балканската федерација објавена во весникот *Балканска федерација*, каде 150 познати општественици, професори, научници, публицисти, писатели скоро од сите земји во Европа се искажаа за независноста на Македонија и за балканската федерација најдобро го потврдува тоа.
4. Борбата на **македонскиот народ** е борба револуционерна, што значи дека реализирањето на неговите идеали ќе стане преку вооружено востание, преку револуција... “[1937]

[1937] Катарџиев, И. *Погледите на ВМРО (обединета) за ослободување на Македонија одразени во резолуцијата на Првата конференција 1929 година: Историја*, 2. Скопје 1973, 294-320; (Библиотека „Ленин“, Москава, 32 - 2217).

1929 год. Весник *Македонско дело*.

„ЕДЕН СПАСОНОСЕН ПОВИК НА МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАЦИЈА ВО ФРАНЦИЈА,

Против македонскиот врховизам и фашизам, кој до гуша е извалкан во братска крв и кој го засрами **македонското име** пред целиот свет.

Група **Македонци** протерани од трите дела на Македонија, населени во градот Лион и околината, собрани на другарска средба во Хотвил, сметавме за прва своја должност да упатиме топол поздрав до Македонското студентско здружение „Пирин“ од гр. Гренобл по повод неговиот навремен апел од мај о.г., во кој високо се крева глас против илјадниците убиства вршени денес од **Македонци врз Македонци**.

Во тие страшни времиња за нашиот народ, прогонуван и убиван од ненаситниот шовинизам на српските пандури; ограбуван и прогонуван од подлиот и ненаситен Грк; жив горен, јавно обесуван по патишта и мегдани од македонски фашисти и бугарски сгоровисти,[1938] апелот - протест на грено-белското студентско здружение треба да се претвори во една парола, едно знаме, прифатено од сите народни синови за да може еднаш засекогаш да се стави крај на постојното човекојадство, што е бескраен срам за **македонското име** и за поимот човек.

Принудени сме со ужас да го констатираме страшниот факт дека македонска крв сè повеќе се пролева низ целата револуционерна историја на поробениот македонски народ. Таа повеќе беше штедена од бандите на свирепите и црвени азиски султани отколку денес под јаремот на другите црвени цареви и уште посвирепите банди, кои, за жал, го носат **македонското име**...[1939]

1930 год. Внатрешна македонска револуционерна организација.

„ПОВИК,

Кон **македонското поробено население во Петричко** и емиграцијата во Бугарија во врска со престојните избори кои се повикуваат да гласаат за трудов блок... За премавнување на фашистичката диктатура и триумфот на нашата крајна цел - **самоопределување на Македонија** до одделување во самостојна политичка државна единица.

[1938] Сговорист, член на реакционерната политичка партија Демократски сговор, создадена по 9 јуни 1923 година.

[1939] *Македонско дело*, V/101, 10.X 1929: 5; *ВМРО, документи и материјали*, книга I. ИНИ. Скопје: 238-240.

Долу двојното ропство во Петричко! Долу фашистичкиот терор! **Да живее борбата на македонскиот народ за самоопределување**!“[1940]

1930 год. ВМРО (обединета).

„ПОВИК

Браќа **Македонци**,

Грчките шовинисти нè нарекуваат ’словеногласни Елини‘, а српските ’вистински Срби‘.

Зошто? Тоа е јасно - за да го оправдаат своето владеење и завојувачките стремежи спрема Македонија. На ист начин постапуваат и бугарските шовинисти. Тие ја користат словенската блискост меѓу **Македонците** и Бугарите и нè прогласуваат нас **Македонците** за ’неразделен дел од бугарската нација‘.

Бугарските империјалисти секогаш се стремеле да ја завладеат и поробат Македонија, а не да ја ослободат. Доказ е нашиот поробен крај. Зар за ваква ’слобода‘ каква што постои во Петричко се боревме и се бориме ние?

Работни **Македонци,**

Ние треба да изјавиме за да чујат сите дека не сме ниту Срби, ниту Грци, ниту Бугари. **Ние сме Македонци**, **самостојна македонска нација**. Само така најдобро ќе ја браниме самостојноста на нашето движење и нашето право за независна македонска држава.

Поробувачите од Белград, Атина и Софија ја кријат и ја замаглуваат оваа вистина за да нè претопат и да го овековечат своето владеење над Македонија. **Македонските чорбаџии** се исто така во нивна поткрепа. Тие станаа србомани, бугаромани и гркомани, бидејќи заедно со империјалистите и тие го ограбуваат и угнетуваат работното македонско население.

Работни **Македонци** и вие **македонски народни интелектуалци** што се борите за национално и економско ослободување! Борете се против асимилаторите од Белград, Софија и Атина!

Да извикаме високо дека ние не сакаме да се правиме Срби, Грци и Бугари. Да никнеме како три во очите на поробувачите дека сме ние **Македонци** и како **Македонци** сакаме да си имаме **своја македонска држава.“**[1941]

[1940] *Историска вистина*. Култура. Скопје, 1981: 78; Архив на Македонија, Фонд - Варија, Вътрешна македонска революцерна организација, Позив.

[1941] *Историска вистина*. Култура. Скопје, 1981: 79-80; Архив на Македонија, Скопје, Фонд - Варија.

1930 год. Балкански комитет за национално-револуционерните организции.

„Од моментот на окупирањето на Македонија од белградските империјалисти до денес таму се убиени повеќе од 1500 **Македонци**; низ затворите поминле 25 000 лица, од нив 3700 се осудени заедно на десетина илјади години затвор, а 24 лица на смрт. И денес уште 400 **македонски револуционери** гнијат во разните затвори на Македонија и во други места на земјата. Само во затворот во с. Идризово, крај Скопје, денес се наоѓаат 180 **Македонци**, политички затвореници. Тука не постојат политички и граѓански права и слободи... Сите национални и културни придобивки, извојувани по долги борби уште во времето на Империјата на султаните и пашите, денес се уништени. На населението му се забранува да се служи и да зборува на својот мајчин јазик. Тоа е принудено да ги менува фамилијарните имиња, обичаите, носијата, кои сега насилно се србизираат.“[1942]

1930 год. Апел на македонските студенти во Бугарија.

„Еден апел,

Систем на убиства. И во името на што? На великите идеали за слобода на робот или на престапни околности, мачни амбиции и вероломства...

*Браќа **Македонци**!*

Помислете, над четири илјади души. Тоа не се ниту компири ниту пиперки за да ги засееме и за едно лето пак да изникнат. Тоа се човечки глави, некои родени гении за кои работеле столетија, а мајки и татковци што ги сакале, со потно чело и раце испукани од труд ги одгледале. За да се родат, пак се потребни столетија...

Дојде часот да ја спасуваме Македонија од **Македонците**, да ја спасувме од побрканите сметки на бугарските влади... Дали се согласувате со клоците на атовите за кои одамна Македонија не постои, да ја играте улогата на несреќни претепувани магарињa. Дали мислите дека штом ќе станете спроводници на михајловистите вие ѝ служите на Македонија?

Ќе ја оствиме ли Македонија да загине од Македонците за партиски и државни интереси на демократскиот заговор? Да се дигнеме сите како еден. Да си подадеме рака и со заеднички напори во сојуз со сите поробени народи и потиснати класи, со поткрепата на прогресивното општествено мислење што стои чесно на чистите идејни позиции на македонското ослободително

[1942] *Документи за борбата*..., том 2: 75-77.

движење, на кои стоеја Гоце и Даме, да зачекориме смело напред кон слободата.

Доста крв, доста самоубиства. Удри дванаесеттиот час и ако навреме не се сретнеме, нѐ чека пропаст. Пропаст ги чека не само **Македонците** туку и Бугарите. И тогаш, не се сомневаме, по софиските улици под други имиња ќе шетаат протогеровисти и михајловисти, и тогаш, во тоа сме наполно сигурни, ќе има една бугарска влада која наместо нив ќе лови неутрални **Македонци** кои немаат никаква врска со братубиствата, но Македонија нема да ја има.

Дали нема да ја има?

Македонци на нога!

Македонските народни студенти.“[1943]


1930 год. Петар Тодоров, Бугарија. „Народите на Балканот етнички се оформени, со што е исклучена секоја опасност за претопување, за изгубувањето на јазикот, на обичаите, на нивната самостојна култура при едно самостојно живеење. Мали на глед, различни во јазиците и наравите, тие народи (Бугари, Срби, Славони, **Македонци**, Хрвати и др.) се всушност со доста јасни различни гранични линии.“[1944]

1930 год. Анри Барбис, Франција. „**Македонците**, кои си имаат **свој посебен јазик** и **неоспорна етничка оригиналнст**, немаат ли право да се наречат **Македонци**!?“[1945]

[1943] *Документи за борбата*..., том 2: 42-44.

[1944] Тодоров, П. *Погромите на България*, том I. София, 1930: 67.

[1945] *За македонскиот јазик: Посебни изданија на ИМЈ „Крсте Мисирков“*. Скопје, 1978: 12.



BULLETIN

DE LA

SOCIÉTÉ DE LINGUISTIQUE

DE PARIS

Volume 39
(1938)

Bulletins Nos. 115-117

Réimprimé par
DAWSON-FRANCE S. A.
PARIS


LE PROBLÈME DU SLAVE MACÉDONIEN

Quels sont les liens des parlers slaves de Macédoine avec le bulgare et le serbe ? Ce problème, qui est encore discuté chez les slavistes, serait banal pour les romanistes, habitués à l'étude des patois dont l'évolution linguistique se complique de l'action d'une langue de civilisation. Les parlers macédoniens font partie d'un groupe linguistique bulgaro-macédonien, dont le représentant ancien est le vieux slave, et les traits serbes qu'ils présentent témoignent de la forte influence exercée par le serbe entre le XIV^e^ et le XVII^e^ siècle.

Le concept de « slave macédonien » n'est confus que pour qui le veut bien. Le slave macédonien est si bien une réalité qu'il a existé au XIX^e^ siècle une langue littéraire macédonienne, langue d'une toute petite littérature savante, mais d'une abondante littérature populaire ; et il ne s'agit pas seulement de documents de folklore comme on en peut recueillir partout : la chanson lyrique macédonienne, très appréciée en Serbie et en Bulgarie, représente un genre littéraire authentique, d'une réelle valeur. Cette langue littéraire, basée sur des parlers qui naturellement divergent quelque peu, n'a pas eu le temps de s'unifier. Mais les centres en étaient Skoplje, Tetovo, Ohrid, Bitolj (Monastir), Voden, etc. Ils sont compris dans une zone compacte de population slave, à peine coupée de quelques îlots turcs ou aroumains, qui occupe toute la boucle du Vardar, à l'est de Skoplje aux abords de Salonique (qui est grecque), à l'ouest de Tetovo à la région des lacs d'Ohrid et de Prespa. La limite méridionale est nette : c'est celle du grec ; le slave y pousse une pointe jusqu'au delà de Kastoria. La limite occidentale est nette pour la même raison : c'est celle de l'albanais. Au nord et à l'est, au contraire, le macédonien est au contact d'autres dialectes slaves : les parlers de Prizren et du plateau de Kosovo — ce qui en a subsisté après les migrations et l'invasion albanaise —, de type serbe et qui étaient autrefois contigus aux parlers serbes du Monténégro ; les parlers de la Morava « bulgare » et de la Bulgarie

Дел од текстот на Андре Вајан: „Проблемот на македонските Словени“ од 1938 год.

1931 год. Весник *Евнинг њуз*, Велика Британија. „Нациите што живеат во оваа земја се: Турци, Грци, Бугари, Срби, Срби, Албанци и **Македонци**.“[1947]



"The nations living in this land are: Turks, Greeks, Bulgarians, Serbians, Albanians and Macedonians. The Turks are an Asiatic mixed race originating in Arabia, and during their long conquests assimilated many diverse people and races. They are of Mohamedan religion. This religion was established by Mohamed about fifteen centuries ago. They believe in one God, as we do, and Mohamed is

The Evening News, Edinburg, Mart, 14 1931; MACEDONIA;
a True Endless Story… 28 март, 2020

[1947] *The Evening News*. Edinburg, Mart, 14 1931.

1932 год. Народни пратеници во бугарското Народно собрание Христо Трајков, Александар Мартулков, Христо Трајков и Стамат Иванов.

„Преку господинот претседател на 23. редовно Народно собрание до господинот министер за внатрешни работи.

Прашање од народните пратеници Хр. Трајков, Ал. Мартулков, Трајко Христов и Стамат Иванов.

Господине министре,

Македонските 'братоубиства' не се повеќе братоубиства, туку се масовни убиства на македонската емиграција во Бугарија и на народот во Петричко.

Не ќе биде пресилно ако кажеме дека Бугарија за **македонскиот народ** стана гробница. Зошто убиените **Македонци** во поробена Македонија од српската и грчката диктатура не се ни една осмина од истепаните **Македонци** од ВМРО (врховистичка) во Бугарија и 'слободна Македонија'.

Такви масовни убивања од последната се можни само со поткрепата на власта. Поддршката е повеќе од очигледна.[1950]

1932 год. Христо Трајков.[1951]„Кога тие[1952] не даваат на македонското население од Петрчкиот Крај да каже дури и за своите најголеми болки, не му се дозволува да зборува за тоа...

За нас Македонците Македонија е поребена во трите нејзини делови,[1953] разделена на три дела.“[1954]

1932 год. Комитски.[1955] „Каде е таа чудесна земја Македонија? Дали е на земјата или на небо? Ако беше на земјава, како другите држави - ништо не ќе беше чудно. Но ако беше на небо и збор не може да стане за ослободување. Но таа се наоѓа некаде подолу и од постојното сенародно (светско) устројство - чисто и просто, современ пекол, за срам на народите на XX век!“

[1950] *Документи за борбта*..., том 2: 45-46.

[1951] Х. Трајков, пратеник од македонско потекло од Кукуш во Народното Собрание на Бугарија. Бил ликвидиран од врховистите на Ванчо Михајлов.

[1952] Се мисли на бугарските власти.

[1953] Се мисли на деловите на Македонија кои биле окупирани од Бугарија, Србија и Грција.

[1954] Стенограм од говорот на пратеникот Христо Трајков во бугарското Народно собрание од 19.4.1932 год.

[1955] Не е утврдено кој го користел овој псевдоним.

Ако, пак, појдеме уште понатаму по историскиот пат, дури понатаму од ’крстителот‘, во времето на елинизмот, ќе узнаеме дека некогаш постоела славна земја со храбар народ кој раѓал светски владетели како Филип и Александар Македонски...

Еден народ којшто си има свои обичаи, вера, јазик, традиција итн. и тврдо опстојувл сред толку ропски искушенија - значи дека е способен за слободно постоење.

Додека беше под турско иго, сите слободни словенски народи ронеа ’крокодилски солзи‘ за да ја ’ослободат‘! А зошто? За доброто на Македонија! ... Не и не! Зашто додека Бугарија да ја ’ослободи‘ во 1912 год. од Турците, следната година ортачки и крвнички ја поделија Срби, Грци и Бугари - ’сојузници-разбојници‘!“

1932 год. ЦК на Работничката партија на Бугарија. Во окружното писмо од 10.6.1932 год., меѓу другото, стои:

„Драги другари,

На 8 спроти 9 јули оваа година, во ноќта среде Софија ’неодговорни‘ фактори со молчеливото содејство на полицијата го киднапираа познатиот среде работничките и бегалски маси **македонски активист** Симеон Кавракиров, артист на Народната опера. Тој е одвлечен со автомобил во насока кон Дупница, непознато каде. Неговиот гласен повик во ноќта за помош останал ’неслушнат‘ од полицијата на народниот блок.

Неговата вина е само затоа што е чесен борец за ослободувањето на **македонските работни маси од националното** и социјалното ропство. Неговиот живот е во опасност, а спасот се наоѓа во повеќеилјадната **македонска работна емиграција**. Подигањето протест на работните маси во земјата и на прво место, на бегалските, е единственото средство за спасување на драгиот работнички и **македонски деец** Симеон Кавракиров...“[1956]

1932 год. Весник *Време*, Кралство СХС/Југославија. „Како карактеристична борба меѓу протогеровистите и михајловистите мошне интересно е прашањето на ’нелегалниот‘ РЕВОЛУЦИНЕРЕН ЛИСТ, кој во последните броеви донесува многу интересен материјал за огорчените борби кои се водат меѓу фракциите на ВМРО. Во статијата ’Дали треба да постојат

[1956] *Историска вистина*. Култура. Скопје, 1981: 80-81; Работническа партия на България. *Сборник од документи и материали*, БКП. София, 1966, док. бр. 88: 332.

македонските самоистребувања' се расправа за прашањето дали **Македонците** се Бугари или посебна нација.

Во истата статија се тврди дека Иван Михајлов стапил во служба на една мафија на политички џелати во Бугарија, на чие чело стоеле Љапчев и генерал В'лков, и дека тие немаат ништо заедничко со националната борба. Македонските убиства, продолжува весникот, не се никаков македонски специјалитет, туку систем на бугарскиот јавен живот, при што **Македонците** се само средство, од што произлегува дека воопшто не постои некаква борба за Македонија, не е ништо друго туку израз на сурови бугарски, чисто внатрешни препирки и борби."[1957]

1933 год. Димитрија Чуповски.

„ОД МОЈАТА БИОГРАФИЈА

Роден сум во 1878 година во Македонија, во Велешкиот Округ, во селото Папрадиште, во селанско семејство. Татко ми беше сиромав. Наскоро по моето раѓање тој загина во борба со Турците, оставајќи ја мајка ми со многубројно семејство. Кога имав 10 години нашето село, коешто се сметаше за едно од револуционерните жаришта во Западна Македонија, беше подложено на полн разгром од страна на Турците. Нашето семејство отиде да живее во г. Крушево, каде што мене ме дадоа да учам молерски занает.

По 2 години јас и еден од постарите браќа заминавме во Софија, Бугарија, каде што во текот на 3 години работев на молерски занает, а навечер и во празниците го посетував училиштето за описменување.

Во 1892 година преминав во Србија, во г. Белград, каде што се фатив на работа по својата струка, а навечер учев во учителската школа што во тоа време ја отвориј Србите специјално за работниците **Македонци** и за децата од Стара Србија и од Босна. Оваа школа имаше шовинистички карактер и имаше цел да создава српски етнографски елемент. Овде јас првпат бев поставен да настапувам во улогата на заштитник на својата татковина Македонија. По завршувањето на учителската школа 1895 година јас се вратив во таковината и почнав да учителствувам во родното село Папрадиште. Во тие години во Македонија се развиваше широка активност на 'Внатрешната македонска револуционерна организација' што си имаше поставено цел масовно да го подготви народот за општо востание против угнетувачите -

[1957] „Легална и нелегална ВМРО, Михајлов у служби мафије политичких џелата". *Време*. Београд, 20.2.1931: 3.

Турците. Жедта за слобода ги опфати во тоа време сите слоеви од населението. Целата македонска младина каде и да се наоѓаше, во Македонија или во странство, ѝ беше на располагање на Внатрешната организација и беше готова да поднесе секакви жртви...

Со развитокот на дејноста на Револуционерниот македонски комитет империјалистичките влади на Србија, на Бугарија и на Грција почнаа непријателски да се однесуваат кон **Македонците,** што во иднина можеа да им попречат да направат разгром во нивната земја. Поради тоа **Македонците** мораа да водат борба на четири фронта - против Турците, Србите, Грците и Бугарите...

Уште во првата година од моето доаѓање во б(ившиот) Петроград се наложи да се организира од Македонците што беа овде едно револуционерно настроено друштво под името 'СЛОВЕНОМАКЕДОНСКО ДРУГАРСТВО', единствено национално-политичко обединување во Русија што работеше врз идејните основи на 'Внатрешната македонска револуционерна организација', што ја истакна девизата БОРБА ЗА НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА..."[1958]

1933 год. Христо Коцев.[1959] Во своите *Спомени* за работата на михајловистите, меѓу останатото, ќе напише: „Денес големо херојство и заслуга е да се убие не некој од непријателите на татковината, туку некои нејзини најдобри и заслужни синови... Тие ги убиваат најдобрите синови на Македонија... Го убија самото дело, вербата и надежта на народот и убавото име на **Македонецот**, кој пред убиството на Протогеров се гордееше со своето име, а денес се срами да се каже дека е **Македонец**."[1960]

1933 год. Весник *Арбајтен цајтунг*, Австрија. „Кога се основаа во деведесеттите години на минатиот век, тогаш претставуваа одбрана против крвавото и валкано турско владеење во Македонија. Уште тогаш се викаа 'Внатрешно македонска револуционерна организација', а тоа сака да појасни дека сочинителите не се грижат за никаков друг идеал, немаат никакви

[1958] Ристовски, Б. „Автобиографија на Димитрија Чуповски". *Историја*, 1. Скопје, 1972: 159-169.

[1959] Христо Коцев (1868 - 1933) од Ново Село, Штипско. Работел како учител во повеќе места низ Македонија. Во ТМОРО станува член по препорака на Д. Груев И. Хаџиниколов. Го основал Окружниот револуционерен округ во Одрин и станал негов претседател; член на ЦК на ТМОРО од 1896; учесник на Солунскиот конгрес 1903 год.; затворан е неколкупати од турските власти; учесник во Балканските војни, а потоа пак се враќа на учителскиот позив. Автор е на книгата *Спомени*.

[1960] БИА НБКМ, София, ф. 589, а.е. 1, *Спомени на Х. Коцев*, 403 - 404.

поинакви слободоумни мисли освен ослободувањето на Македонија. Движењето уште при појавувањето беше шовинистичко, беше поддржано од Бугарите и искористено. **Македонците се, без двоумење, сам засебен народ**, продукт на балканските народни маси, но според вид и јазик најслични се со Бугарите..."[1961]

1933 год. Весник *Македонска правда*. „**Македонскиот народ**... треба да е готов при секоја нова промена во Грција, Југославија или Бугарија да си каже својот збор, да ја пројави својата волја и да учествува со своето активно присуство."[1962]

1933 год. Христо Кабакчиев, Бугарија.[1963] „**Македонските Словени**, кои ја населуваат Македонија сосема не се склони да се присоединат кон Бугарија, Србија (Југославија) или Грција. Поучени од горчливото искуство на завојувачките војни на Балканот и од империјалистичката војна, како и од искуството на новиот национален гнет од страна на Југославија, Бугарија и Грција, тие сакаат и се стремат само кон едно: правото и можноста сами да си ја определуваат својата националност и да ја извојуваат својата независност, како самостојна **Македонска нација**."[1964]

1933 год. Џорџо Нуриџани, Италија.[1965] „Македонија е држава без држава, без влада, меѓутоа, го има својот народ, своите закони, ја има својата култура и има сè што треба да ѝ припаѓа на една посебна и **вистинска нација**, но нема своја автономија. Нејзината територија се наоѓа во рацете на нејзините окупатори. Чија е вистината? **Секако не за Македонците**!...

Сите завојувачи на Македонија - Хелените, Римјаните, варварите со нивните големи преселби, Турците, се обиделе да ја избришат македонската историска свест, наметнувајќи ѝ на земјата административни имиња, и тоа вештачки. Но залудно. Кој е роден во Македонија знае и се изјаснува дека е **Македонец**."[1966]

[1961] *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 236-241; („Третиот Рајх на Балканот". *Арбајтен цајтунг*. Виена, 8.1.1933: 4).

[1962] „Нашиятъ пѫть". *Македонска правда*, 1, I. 3.9.1933: 1.

[1963] Христо Кабакчиев (1878 - 1940), деец на бугарското и меѓународното комунистичко движење, новинар, публицист, доктор на историски науки и народен пратеник.

[1964] *Историска вистин*а. Култура. Скопје, 1981: 82-86; Кабакчиев, Х. *Българската комунистическа партия и националниот въпрос на Балканите*. София, 1953: 653-686.

[1965] Истакнат италијански историчар и публицист.

[1966] Nurigiani, G. „Macedonia nel pensiero italiano". *CasaEditrice Ausonia*. Roma, 1933: 125.

1934 год. ВМРО (об.). „ВМРО (об.) ќе води борба против поробувачите на **македонскиот народ** и против сите форми на неговото културно, социјално и економско угнетување, а за **национално ослободување** и обединување на сите делови на Македонија. Треба во суштината да се разобличи правата смисла на сите мудрувања чија цел е да се оспорува правото на **Македонците** на своја нација и да се спречи продирањето на тие мудрувања во нејзините редови.“[1967]

1934 год. А. Балфур, Велика Британија.[1968] „Навистина, штом ќе се дозволи дури само претпоставка за постоење **македонска националност**, постои опасност дека целата мировна спогодба ќе биде ставена под закана со тоа што ќе се оспорат не само границите меѓу Југославија и Грција и меѓу Југославија и Албанија... Владата на Неговото Височество[1969] одбива да препознае постоење посебна македонска националност, којашто бара или независност, или апсорпција од Бугарија, или некој вид автономија, на кои Југославија доброволно не би се согласила.“[1970]

1934 год. Весник *Билтен*. (По повод апсењето група младинци **Македонци** се виде дека мнозина другари немаат исправен став кон македонското прашање.) „Денеска македонското прашање, како и воопшто националните прашања во епохата на империјализмот и на Пролетерската револуција, кога оваа победа на една шестина од Земјината топка претставува дел од општото прашање за Пролетерската револуција, дел од прашањето за диктатура на пролетеријатот. Денеска воопшто не може да стане збор за контрареволуција на **Македонците**. Тие денеска се угнетен народ и националноослободителното движење на македонските маси насочено против версајска Југославија објективно добива антиимперијалистички карактер... Во основите на линијата на нашата партија по македонското прашање лежат болшевичките пароли: ’Право на народот на самоопределување сè до отцепување‘. Јасно е дека ние ова помагање нема да го сфатиме во смисла на помагање на нивните индивидуални акти (пеколни машини, атентати), туку во смисла на помагање на масовната борба. Но треба

[1967] *Македонско дело*, бр. 181/1934 год.

[1968] А. Блфур - британски дипломат.

[1969] Се мисли на југословенскиот крал Александар Караѓорѓевиќ.

[1970] Џинго, Т. *Велика Британија и Балканот (1919 - 1941)*. Арс студио. Скопје, 2016: 64.

да се знае дека пролетеријатот ќе му даде најдобра помош на **македонскиот народ** ако тој ја извојува раководната улога кон тие маси.[1971]

1934 год. Васил Ивановски Бистришки.

„ЗОШТО СМЕ НИЕ **МАКЕДОНЦИТЕ** ОДДЕЛНА НАЦИЈА

Во последниот број (31) на забранетиот од софиската воено-фашистичка диктатура орган на македонската прогресивна емиграција *Македонско знаме* беше поместена статијата под наслов 'Што е нација'. Поради драконската цензура во статијата се дава општа постановка на прашањето и се говори за хрватската нација, без да се дава конкретно објаснување на **македонската нација**. Тука ние ја доразвиваме оваа статија, запирајќи се специјално на Македонија и одговараме на прашањето - Зошто ние **Македонците** сме одделна нација?

Одговорот на ова прашање, пред сè, е од огромно политичко значење. Познато е дека како бугарскиот така и српскиот и грчкиот империјализам го одрекнуваат постоењето на **македонската нација**. Според првиот, **Македонците** се 'најдобриот дел од бугарската нација'; според вториот, **Македонците** 'се чисти Срби'; според третиот, **Македонците** се 'словеногласни Елини'. Така, секој од тие наши поробувачи 'го оправдува' задржувањето под свое иго на соодветниот поробен дел од нашата татковина, ги оправдува и претензиите... Ние Македонците треба гласно да изјавиме дека не сме ни Срби, ни Грци, ниту, пак, Бугари, туку сме одделна македонска нација која се бори за своето национално ослободување и одвојување во своја - македонска држава...

Во Македонија постојат елементи на една самостојна македонска нација со своја територија и економска целина, со свој јазик и општ национален карактер, и со своја македонска историја.

1. Територијата на Македонија е посебна од територијата на грчката, српската и бугарската нација. Таа има свои установени географски и етнографски граници...
2. Економски Македонија претставува една целина, одвоена од државите што ја владеат. Уште под владеењето на Турската Империја,

[1971] *Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни*, том 2, книга 2. Комунист. Скопје, 1983: 70-71; *Билтен*, бр. 2, 1934.

Македонија тргна кон самостоен развиток... А откако никна капиталистичкото стопанство и во Македонија, таму се создадоа внатрешни трговски патишта и пазари на самостојна нога ...

3. Јазикот на луѓето што ја составуваат македонската нација е словенски, со особен дијалект, според кој секој би го разликувал **Македонецот** од Србинот, Бугаринот, Русинот и од секој човек од која и да е друга словенска нација...
4. Националниот карактер е четврти по ред општ белег за луѓето што ја составуваат одделната нација во тој број и **македонската нација**. Еднакви се нивните нарави, обичаи, игри, песни, ора и другите народни умотворби, кои, повеќе или помалку, се разликуваат од српската, бугарската и од другите словенски нации. Елементите на **самостојниот национален карактер на Македонците** се толку силни, што, наспроти националниот гнет во Македонија, тие никогаш не престанале да се појавуваат...
5. Нациите не се племиња. Како и другите нации така и **македонската нација** не настанала од едно племе, туку од неколку разни племиња или, заправо, од извесни делови од неколку разни племиња: Илири, Словени, Бугари, Срби. Древните Илири се претопиле меѓу подоцна дојдените Словени. Бугарскиот и српскиот елемент во **македонската нација** се должат на тоа што уште пред турското иго Македонија им припаѓала де на болјарска Бугарија де на жупанска Србија. Незначителниот бугарски и уште понезначителниот српски елемент во **македонската нација** е останат од некогашните воени завојувачи, претежно од болјарите и жупаните... Во тие услови не можело да се оформи бугарска нација и уште помалку во неа да се вклучат македонските Словени...
6. **Македонската нација** има своја историја на културното и политичкото појавување...[1972]

1934 год. Македонец од Серес. „На 15.4.1934 година плоштадот беше полн со револуционерни прокламации кои ги повикуваа војниците да се борат за решавање на своите прашања и против сверскиот терор.

Офицерите ги затвораа оние војници што ги читаа прокламациите и ги тераа нив да ги откријат оние што им ги разделиле прогласите.

[1972] *Историска вистина*. Култура. Скопје, 1981: 90-97; Бистришки, *Защо сме ние Македонците отделна нација?*. Мак. нар. сојуз в Америка, 1934: 42-55.

Врз нас **Македонците**, војници од 6. полк на тешката артилерија, тие ги применуваат најварварските методи...“[1973]

1934 год. Македонец од Лерин. „Лерин; тука пред извесно време целиот буржоаски печат почна нападот против **македонскиот народ**...

Ние **Македонците** похрабро и поактивно треба да се активираме против тој напад за да го отфрлиме, зашто тоа значи поголемо угнетување, глад, беда и војна.“ [1974]

1934 год. Осуденици од Серес. „Секој ден влечкаат сиромашни **Македонци**, земјоделци во затворите поради долгови од 60 до 100 драхми... Сите овие сиромашни **Македонци** не знаат грчки, си го зборуваат **македонскиот јазик**. Од многу тепање многу осуденици од затворите во Серес биле принудени да речат дека низ нивните села поминувале комитаџии.“[1975]

1934 год. Македонец од Серес. „Воден, август; во 30. полк повеќе сме **Македонци** и поради тоа нашиот живот е многу мачен. Секој оној што ќе прозбори **македонски** е казнет од 10-15 дена затвор. Нè нарекуваат ’незнајковци‘ и постојано нè тепаат. Дисциплинските мерки и интригите се секојдневни. Ние и понатаму ќе го говориме нашиот јазик, ќе ги пееме нашите револуционерни песни...

Македонец, дописник од 30. полк од Воден.“[1976]

1934 год. Макс Давид Фишер, Германија.[1977] „Што се **Македонците**? Во Белград се вели дека се Срби, во Софија се вели дека се Бугари, посетителот од странство може да добие дебели или тенки публикации во кои се наоѓаат ’докази‘ за саканите теории. Веќе одамна ми станаа омразени, бидејќи за мене тоа се соништа и јас едноствно велам: **Македонецот** ѝ припаѓа на онаа нација чиј буквар го учи... Никој не може да се сомнева во тоа дека **Македонците** кога паднаа под турска власт беа едно јужнословенско племе што имаше своја самобитност и што ја чуваше.“[1978]

[1973] *Документи за борбата...*, том 2: 62.

[1974] Истото, 62.

[1975] *Документи за борбата...*, том 2: 64.

[1976] *Документи за борбата...*, том 2: 65.

[1977] Макс Давид Фишер (1893 - 1954), германски публицист.

[1978] Ошлис, В. *Гермакедонија...* : 26-27.

1934 год. *Онзе арде*,[1979]Амстредам.



Macedonisch land, Macedonische steden en Macedonische menschen

door G. Smits

MACEDONIË, dat geographisch met Servië één geheel vormt, een verlengstuk van Servië genoemd zou kunnen worden, omdat langs Morawa (in Servië) en Wardar (in Macedonië) de weg loopt van Belgrado naar Salonika, is een mooi land. Maar het is geen land voor toeristen, die op een aangename en gemakkelijke manier er hun vacantie willen doorbrengen. Men gaat er niet heen om er zich te verpoozen, om mooie steden te bezoeken en mooie kunstvoorwerpen te bezichtigen, het reizen is er vermoeiend, de steden bieden voor den kunstkenner niets bijzonders, kunstvoorwerpen zijn er slechts sporadisch te vinden. Goede hotels met al het comfort, waarop de toerist zoo gesteld is, vindt men er ook niet. Men gaat erheen om het te bestudeeren, land en menschen te leeren kennen en vooral ook om te constateeren wat vijf eeuwen Turksch wanbeheer van dit klassieke land hebben gemaakt, wat er in de toekomst bij een goed beheer van te maken is en welk profijt het loon zal zijn voor ondernemingsgeest. Want het land is rijk en de menschen zijn er arm, arm in onze oogen, en het belooft dus voor de toekomst veel. Het is dus geen land voor die toeristen die onder leiding van een begeleider van een of ander reisbureau groepengewijs een land afjagen om in minder dan geen tijd alles op te nemen wat slechts beziens waardig is. Het is een land voor den man van studie en voor den ondernemer. Voor den man van studie om

197

Првата страница од подолга статија под наслов: „Македонска земја, македонски градови, македонски народ“ Во Холандското списание за туризам.[1980]

1934 год. Весник *Правда*, Кралство СХС/Југославија. „При таква состојба на работите не е никакво чудо што италијанската теза за раздвоеноста и невозможноста за заеднички живот не е никаде подобро прифатена отколку во Германија. Германските интелектуалци на кои познавањето на географијата им дозволувало да се заинтересираат и за составот на нашата држава имаа, под влијание на италијанската теза, претстава за пет народи кои ја составувале нашата држава. Тука не се значи само Србите, Хрватите и Словенците, туку и **Македонците** и Турците...“[1981]

1934 год. Македонци од Воденско. „Не сме ниту Бугари, ниту Грци! **Македонци сме**.

Горе, по северните периферии на капиталисичка Грција, цел еден народ стенка под стапот на двојната економска и национлна експлоатација и притисок - тоа е **македонскиот народ**.

[1979] *Onze Aarde* (*Наша земја*) - холандско месечно списание за туризам.

[1980] Smits, G. „Macedonisch land, Macedonische steden en Macedonische menschen“. *Onze Aarde*, No. 5, juni, 1934: 197-204.

[1981] „Данашња Немачка и Југославија“. *Правда*. Београд, 14.4.1934: 2.

Со оган и железо грчките капитлисти, спахии и генерали си поствија цел да го ’погрчат‘, него да го претворат во роб. Но многу измаченият **македонски народ**, кој претрпел толку многу жртви на својот пат, не мисли да се предаде како роб во канџите на своите угнетувачи...

Во селото Арсен, Воденско, живееме 165 македонски фамилии и околу 80 просвиги.[1982]

Освен тешките даноци што ги плаќаме, освен сиромаштијата што нè стега и притиска, го имаме и дивиот терор, што се спроведува врз нас од страна на државните органи по заповед... Не смееме да се жалиме во округот зашто нè бркаат со колци и нè нарекуваат бугарски комити зашто сме **Македонци**.

Но ние гласно викаме: Не сме Бугари, Ни Грци! **Македонци сме**! Ќе се бориме за полната независност од бугарскиот, грчкиот и српскиот печат...“[1983]

1934 год. Македонци од Екши-Су. „Во селото Екши-Су се основаа две групи Македонци, една од 9 члена и друга од 6 члена.

Тие групи си зедоа за задача да ги просветуваат земјоделците и да ја организираат борбата за ослободување на македонскиот народ.

Тие групи ги покануваат другите села: Ајтос, Зелениче и Љуботино да се оргнизират во групи и да настојуват да се издаде **македонски весник на наш мајчин јазик**. Треба да им викнеме гласно на грчките господари дека ние не сме ниту Грци, ниту Бугари, ниту Срби, туку **чисти Македонци**.“[1984]

[1982] Грчки колонисти во делот на Македонија што се наоѓа во рамките на Грција.

[1983] *Документи за борбата...*, том 2: 246-24; *Ρίζοσπάστης*, XVIII, ár. 182/711, 12.IX.

[1984] *Документи за борбата...*, том 2: 247; *Ρίζοσπάστης*, ár. 24 -351, 1. XI, 1934, 3.



Let's Talk Of

INTERESTING PEOPLE . . .

WORKER FOR PEACE

MISS JANE ADDAMS is the founder of Hull House, Chicago, a social settlement which has become world-famous. She is the only American woman to receive the Nobel Peace Prize. She has devoted her life to the cause of peace, and for 20 years has headed the Woman's International League for Peace and Freedom.

Hull House is situated in a poor quarter of Chicago, in a neighborhood teeming with people of many nationalities, including Greeks, Italians, Bulgarians, Lithuanians, Macedonians and Mexicans. Each group in the settlement scheme is encouraged to preserve its national individuality and instruction is given in national arts and crafts. The ideal of the settlement is to foster friendly co-operation and mutual understanding — "cosmopolitan relationships," as the founder expresses it, among the various nationalities represented.

Во рубриката „Интересни луѓе“ на весникот *Аустралијан вомен викли магазин* (Сиднеј, 28.4.1934) се зборува за нобеловката Џејм Адамс за која пишува дека растела во сиромашен кварт на Чикаго со луѓе емигранти, вклучително Грци, Италијани, Бугари, Литванци, **Македонци** и Мексиканци.[1985]

1934 год. Македонец од Пателе. „Во селото Патале се основа **македонска организција** која се бори за ослободувањето на многу измаченият **македонски народ** кој стенка под режимот на грчкиот тероризам. Владата ги тероризира **македонските борци** и реши да го испрати на заточение Андреј Чипов.[1986]

[1985] Australian Women's Weekly Magazine, 28.04.1934; (https://мна.мкд/)

[1986] Припадник на македонското национлноослободително движење, деец на ВМРО (об.).

На ова жителите на Пателе протестираа и бараат да престанат заточенијата и да се ослободат сите борци.

Македонец“[1987]

1934 год. Македонци од Ениџе-Вардар.

„Драги Ризоспастис,

Ти, кој отсекогаш си бил на наша страна и ни помагаш нам, на **Македонците**, кои сме угнетувани и двојно експлоатирани, Те молиме да го објавиш следново писмо: Овде во Ениџе Вардар против нас се управени камшикот, пцостите и тешките даноци. Нашите татковци се бореа против Турците, а се бореа да се ослободат и од грчките угнетувачи... Веќе седум години, од 1930, плаќаме даноци, сега гледаме дека нам Македонците ни се одзема земјата. Сите сиромаси кои ги изрзуваат своето незадоволство велат дека сега сфатиле оти нѐ исмеваат сите буржоаски партии...

Изјавуваме дека ќе се бориме против фашизмот и војната во која се подготвуваат да нѐ фрлат.“[1988]

1934 год. Анонимен Македонец до весникот *Ризоспастис*. „На 15.4.1934 год. плоштадот беше полн со револуционерни прокламации кои ги повикуваа војниците да се борат за решавање на своите прашања и против sверскиот терор.

Офицерите ги затвораа оние војници што ги читаа прокламациите и ги тераа нив да ги откријат оние што им ги разделиле прогласите.

Врз нас **Македонците**, војници од 6. полк на тешката артилерија, тие ги применуваат најварварските методи.

Повеќето од нас сме неписмени и не го знаеме грчкиот јазик, па затоа често не ги разбираме нивните наредби. Офицерите се обидоа да нѐ описменат, но тоа траеше толку кратко и беше така спроведено што никој од нас ништо не научи.

По ’описменувањето‘ дванаесет војници кои не научија ништо беа истерани и секој од нив доби по пет дена затвор...

Серес, 15.4.1934

Македонец“[1989]

[1987] *Документи за борбата...*, том 2: 247-248; *Ρίζοσπάστης*, XVIII, άρ. 243 (7173), 1.XI. 1934, 3.

[1988] Документи за борбата..., том 2: 249; Ρίζοσπάστης, άρ. 203, (7141),3. X. 1934, σ,5.

[1989] *Ρίζοσπάστης*, XVIII, άρ. 243 (7173), 1.XI. 1934, 3.

1934 год. Весник *Ризоспастис*. „Револуционерните традиции на **македонскиот народ**, кој од 1913 година се наоѓа поделен меѓу три капиталистички држави (Грција, Бугарија и Србија), го има како централен светол белег вооруженото востание на Св. Илија (Илинден) на 2 вгуст 1903 година (по стариот календар 20 јули). Тој е најсветлиот белег, главно, бидејќи во тоа востание беше изразено единството на македонскиот народ. Само оние што ја запознаа не само свирепоста на бившиот султански режим туку и терористичката разбојничка дејност и безобѕирните интриги на 'ослободителите', односно на околните држави на грчките, бугарските и српските експлоататори, само тие ја разбраа вредноста и значењето на таа обединета револуционерна дејност на сите **Македонци** без да застане во тоа пречка нивното рзлично племенско потекло..."[1990]

1934 год. Елефтериу А. Ставридис, Грција.[1991]

- „Вие сте Бугарин, се плашите само од Бугари?"

- „Кој ви кажа дека јас сум Бугарин?" - извика со гнев кој ме изненади. „Така мислите и Вие како што мислат и илјадници? Ние од ВМРО не сме Бугари! **Ние сме Македонци**! Мора утре да ви ги објаснам овие работи задолжително штом и вие, комунистите на Грција, нè сметате за Бугари!"[1992]

1934 год. Весник *Ризоспастис*. „Да! Постојат **Македонци** во Македонија и сите тие се против националното угнетување. Тие се борат за правото под водството на Македонската рволуционерна организација (обединета) за правото на нивното обединување сè до отцепување од капиталистичка Грција."[1993]


[1990] *Документи за борбата*..., том 2: 245-246, *Ρίζοσπάστης*, XVIII, άρ. 142/7079, 2.VIII, . 1934.

[1991] Поранешен генерален секретар на КПГ и грчки пратеник.

[1992] Дијалог меѓу Тодор Паница и Ставридис во Солун во 1934 година; *Сведоштва за македонскиот идентитет*..., 288; Σταυριδμ, Ε. Α. *Τα παρασκηνια του μεχρι το 1950*. Αθηνα, 1988: 209.

[1993] *Ρίζοσπάστης*, άρ. 68, 20.5.1934.

1934 год. Крис Атанасов.



TRIPLICATE
(To be given to declarant)

No. 64744

UNITED STATES OF AMERICA

DECLARATION OF INTENTION
(Invalid for all purposes seven years after the date hereof)

UNITED STATES OF AMERICA
SOUTHERN DISTRICT OF CALIFORNIA
COUNTY OF LOS ANGELES

In the DISTRICT Court
of THE UNITED STATES of LOS ANGELES

* * * CHRIST ANASTASOFF - (KNOWN AS: CHRIST ANASTOFF) * *

I, ..., now residing at 510 Commercial Street, Los Angeles, California, occupation Restaurant Proprietor, aged 48 years, do declare on oath that my personal description is: Sex Male, color White, complexion Dark, color of eyes Brown, color of hair Blk. Brown, height 5 feet 7 inches; weight 155 pounds; visible distinctive marks None, race Macedonian; nationality Jugoslavia, I was born in Ochrid, Macedonia on June 16, 1891 (Date) (Time), I am not married. The name of my wife or husband is ..., she or he was born at ... on ... (Date) (Place) (Date), arrived the United States at ... (Place) on ... (Date), for permanent residence therein, and now resides at ... (Street and number) (City) (State), I have ... children, and the name, date and place of birth, and place of residence of each of said children are as follows: ...

I have ... heretofore made a declaration of intention: Number 92189 on April 10, 1919 at Minneapolis, Minnesota (City) (State), my last foreign residence was Ochrid, Macedonia (Country), I emigrated to the United States of America from Bayra, Greece (Port), my lawful entry for permanent residence in the United States was at New York, New York (Port) on March 16, 1920 (Date), under the name of Christo Pop Anatas, on the vessel "S.S. PATRICIAN" (Name of vessel), I will, before being admitted to citizenship, renounce forever all allegiance and fidelity to any foreign prince, potentate, state, or sovereignty, and particularly, by name, to the prince, potentate, state, or sovereignty of which I may be at the time of admission a citizen or subject; I am not an anarchist; I am not a polygamist nor a believer in the practice of polygamy; and it is my bona fide intention to become a citizen of the United States of America and to reside permanently therein; and I certify that the photograph affixed to the duplicate and triplicate hereof is a likeness of me: So help me God.

Christ Anastasoff


Subscribed and sworn to before me in the office of the Clerk of said District, at Los Angeles, Cal., this 25 day of March, anno Domini 24, Certificate No. 25-88504, from the Commissioner of Naturalization showing the lawful entry of the declarant for permanent residence on the date stated above, has been required by me. The photograph affixed to the duplicate and triplicate hereof is a likeness of the declarant.

[SEAL] ... Clerk.
By ... Deputy.

U. S. DEPARTMENT OF LABOR
NATURALIZATION SERVICE

No. 99412

Christ Anastasoff



color of hair Blk. Brown, height 5 feet 7 inches; weight 155 pounds; visible distinctive marks None
race Macedonian; nationality Jugoslavia
I was born in Ochrid, Macedonia (Country), on June 16, 1891 (Date) (Time)
I am not married. The name of my wife or husband is ...
we were married on ..., at ...; she or he was

Декларација на Крис Атанасов издадена во Калифорнија, САД во 1934 година, на која се изјаснил дека е Македонец од Охрид, Македонија, државјанин на Југославија.

1935 год. ВМРО (обединета).

„ДЕКЛАРАЦИЈА

Владата на Златев, на ред со веќе преземените противмакедонски мерки, се спрема да го задуши **македонското национално-револуционерно движење**. Таа дури го откажа правото на **Македонците** да се нарекуваат **Македонци** и на тој начин широко дејствуваат за обезличување на **Македонците како народ и нација**.“[1994]

1935 год. Македонци од егејскиот дел. „Ние, притиснатото **македонско малцинство**, со сета наша душа навистина сакаме да се остварат барњата на браќата Северноепироти,[1995] зашто и ние **Македонците** се наоѓаме во истата положба, под јаремот на грчката Влада... И ние сакаме слободно да си го зборуваме нашиот **македонски јазик** и да отвориме наши училишта, **македонски**, во кои ќе учат нашите деца.

[1994] *Историска вистина* ...: 107; Архив на Македонија, Фонд - Варија, Областен комитет на ВМРО (Обединена) в Македония под българска власт.

[1995] Се однесува на грчкото национлно малцинство во јужниот дел на Албанија кое барало свои национални права.

Бараме од грчката Влада да ги спроведе спогодбите за малцинствата, коишто ги угнетува толку години како нас **Македонците**... Но грчката Влада наместо да ни ги даде нашите права, гледа само како со сила нѐ 'погрчи'. Од друга страна, пак, со помош на шовинистичките 'суперпатриотски' весници се стреми да нѐ претстави како божем ние **Македонците** сме 'славофони', значи 'чисти Грци'.

Протестираме, исто така, и против теророт на разни фашистички националистички организации кои земаат големо учество во нашето прогонување. Тие, зедно со полицијата, постојано ги апсат Македонците, ги нарекуваат 'комитаџии', ги тепаат и ги измачуваат нечовечки.

Ги повикуваме нашите браќа **Македонци** да станат против ваквата ситуација... Да го уништиме засекогаш фашистичкиот терор за да може слободно да се употребува нашиот јазик за да се отворат македонски училишта..."[1996]

1935 год. Македонци од Воден. „Ние, овдешните **Македонци,** одржавме состанок на кој еден другар ни зборуваше за програмата на ВМРО (об.) и за тоа како живеат малцинствата во Советскиот Сојуз. Ни рече дека **Македонците** во Србија и Бугарија се борат под раководството на комунистичките партии за една **единствена и независна Македонија**.

Ние изјавуваме дека ќе се бориме за нашата слобода под раководството на Комунистичката партија на Грција и бараме да имаме наши училишта во кои ќе се учи **македонскиот јазик**; уште бараме да не нѐ викаат Бугари, бидејќи не сме Бугари, ниту Срби, ниту Грци, туку сме само **Македонци**!"...[1997]

1935 год. Дописник за с. Кронцелево. „Сто и дваесет **македонски фамилии** живеат во селото. **Македонци** се, не знаат друг јазик освен **македонскиот**, но тешко на оној којшто ќе го слушнат властите да го зборуваат него. Заканата за протерување во Бугарија виси над неговата глава.

Сите жители имаат роднини во Бугарија кои им пишуваат дека и таму истото им го прават бугарските власти. ...

Сега последно безбедноста дозна овде доаѓа нашиот весник ***Македонско дело*** и има збеснато, но ние не се плашиме. Ќе го умножиме неговото растурање и ќе создадеме национално-револуционерни групи во сите села и градови на **нашата Македонија**, ќе издадеме весници на нашиот

[1996] *Документи за борбата*..., том 2: 250; *Ρίζοσπάστης*, XVIII, άρ. 319 (7257), 30.I. 1935, 1.

[1997] *Документи за борбата*..., том 2: 252-253; *Ρίζοσπάστης*, VII. 1935.

македонски јазик, ќе им докажеме на сите **Македонци** дека само **Македонската револуционерна оргнизциј**а **(обединета)** води борба за ослободување на угнетените **Македонци**.[1998]

1935 год. Писмо од Ениџе-Вардар. „Пред неколку дена дојде овде 'пратеникот' А. Пејос божем да им разделат нивјето од езерото на оние без земја и на сиромасите.

Покрај другото, рече дека не треба да се дадат нивје на месните луѓе, бидејќи се 'Бугари' и ги издржуваат комитаџиите, а грчката војска сретна тешкотии за да го ослободи Ениџе-Вардар; ние му одговоривме на тој господин: не те признаваме за наш пратеник. Назначен си од Владата! Што се однесува до името Бугарин што ни го даваш, ти велиме дека ниту сме Грци, ниту Бугари, ниту Срби. **Македонци сме со свој јазик, своја култура, свои обичаи, своја историја.**

Ние младите сме горди, слушајќи ги нашите татковци како раскажуваат за Илинденското востание и за подвизите на Злате Петков, Груев, Тошев, на Делчев. Тие беа Бугари, господин Пејо!? Не, тие беа **Македонци** и се бореа за единствена Македонија. Сите **Македонци** од Источна, Централна и Западна Македонија се обединуваат, господин Пејо - за да ти ја удрат клоцата тебе и на сите експлоататори Грци, Срби, Бугари.**"**[1999]

1935 год. Весник *Македонски вести*. „Одамна се чувствува потреба од едно македонско списание кое треба да внесе јасност на мошне интересната и неразучената историја на македонското националноослободителното движење, како и да се сумира творештвото на **Македонците** во областа на науката и литературата.**"**[2000]

1935 год. Весник *Македонска револуција*.

„НАШАТА ЗАДАЧА

Отсекогаш била голема потребата од вистински **македонски весник,** трибина, заштитник и орган на борбениот **македонски народ**. Таа потреба порасна уште со поголема сила денеска, кога воено-фашистичката диктатура во Бугарија со сите средства се мачи да им ги затне устите на потиснатите македонски маси во Петричко и Бугарија.

ВМРО (обединета), сознавајќи ја таа потреба, почна со издавање на името таков весник - *Македонска револуција*. Весникот *Македонска*

[1998] *Документи за борбата*..., том 2: 252-253; *Ρίζοσπάστης*, 3.9. 1935.

[1999] Истото, 251.

[2000] „Нашата задача". *Македонски вести*, бр. 1. 20.5.1935: 1.


револуција како орган на Областниот комитет на ВМРО (обединета во Македонија под бугарско ропство), истовремено е и ќе биде **орган на македонскиот народ,** во таа смисла, и на работната емиграција во Бугарија.

Весникот *Македонска револуција* високо ќе го дигне знамето на **македонската револуција** за извојување на правото за самоопределување на Македонија до нејзино одделување во самостојна политичка државна единица, **за слободна и независна Македонија на македонскиот народ**, а против бугарскиот и балканскиот империјализам; против врховизмот и сите предавници на големото македонско дело за моќен, единствен револуционерен фронт со бугарските и балканските работници, селани национално потиснати, **народ за македонска народно-револуционерна република**.

Да живее весникот *Македонска револуција*.

Ние не сме ниту вистински Срби, ниту чисти Бугари, ниту славјано гласни Елини, **ние сме самостојна македонска нација.**“[2001]

1935 год. *Бруклин дејли иглс*.



Bulgaria

Four-Fifths Rural in Occupation and Charm

BULGARIA — Six million Bulgarians in an area not as large as Kentucky . . . Four-fifths rural in occupation and charm . . . A mountainous land of few but fine scenic beauties . . . Views from the lofty Vitosh . . . From Shipka Pass down to the rose gardens . . . Kasanlik, home of the famous attar of roses . . . Philippopolis with its Roman remains . . . Small towns on the lower Danube, dating from the days of Trajan . . . Sofia, the capital, on its plateau surrounded by mountains . . . Tourists on the steamers to Constanza and Istambul . . . Tirnovo, ancient capital, rich in medieval palaces . . . Great monasteries on the slopes of the Rhodope Mountains . . . Jews, Turks, Macedonians, Greeks, gypsies, Bulgarians and Americans to see them all.

in medieval palaces . . . Great monasteries on the slopes of the Rhodope Mountains . . . Jews, Turks, Macedonians, Greeks, gypsies, Bulgarians and Americans to see them all.

Краток туристички опис на Бугарија во кој пишува дека
во неа Американците можат да сретнат, покрај другото, и
„Евреи, Турци, **Македонци**, Грци, Роми, Бугари.“[2002]

[2001] *Историска вистина*...: 129-130; Програма на весникот *Македонска револуция*, орган на Обласниот комитет на ВМРО (Обединена) в Македония под българска власт, 1935 год.

[2002] *The Brooklyn Daily Eagle*. Brooklyn, New York, 14 Apr. 1935; Macedonia: a True Endless Story… 15 март 2020.

1935 год. Областен комитет на ВМРО (об.) „...така што **Македонците** под грчка власт не се ниту 'славофони', ниту 'чисти Грци', како што ни **Македонците** под српска власт не се 'прави Срби', исто така и **Македонците** под бугарска власт не се Бугари ниту, пак, сакаат да станат такви. **Македонскиот народ** има свое минато, сегашност и иднина, не како закрпа кон империјалистичка Бугарија, Грција и Србија, туку како самостоен словенски елемент кој ги има на лице сите својства на **самостојна нација**, која со десетлетија веќе се бори за извојување на своето право на самоопределување, дури до одделување во самостојна политичка државна единица од империјалистичките држави што ги потискаат..."[2003]

1935 год. Мита Димитријевиќ.[2004] Во 1935 година Мита Димитријевиќ се кандидирал за народен пратеник на Радикалната партија во Кочанско. Во неговиот пропаганден леток, напишан на македонски народен јазик со примеси на српскиот и бугарскиот јазик, се залага за правата на Македонците, ценејќи дека преку еден ваков леток, најмногу ќе ги привлече гласачите Македонци. Во летокот, меѓу останатото, пишува: '**Македонец** као и ви, от отца **Македонца** и мајку **Македонка**. Повикан сам от народа да се кандидирам. Меѓу вас не доаѓам како чужд, не доаѓам за први пут. Много хиладе **Македонци** ме знајет от тешките и мучните времена.

Година 1913. као конзул у Солун најдох се у тешки моменти, када Грците затворија у Солун и на остров Трикири повече од три илади наши братја **Македонци**. Тогај поведох борба са грчките власти за нивното ослободување. Сам лично сам слизао в затворите и изваждао на слобода несреќните **македонски мученици**. Това кжје исто било и на остров Трикири. Година 1919. и 1920. као заступник полномошниат министер в Софија ја први отворих вапрос за повраќање **Македонци** кои се намираа у тешко положение у Бугариа, а и далеко от своите огништа. Тогаш учиних да се врнат повече од 18 илади **Македонци** како во вашиот крај тако и во другите **македонски крајове**.

Кога 1920. година Грците окупираа Западна Тракија земах исто тако мерки да се враќат у своите домове **македонците бежанци**, који оште 1913 . година се били преселили из гевгелијско, дојранско, струмичко у Тракија.

Како видите јас на вас братја **Македонци**, несам непознат.

[2003] *Документи за борбата...*, том 2: 220; *Македонско дело*, X/195. Февруари 1935: 8.


[2004] Изборен леток за парламентарните избори во Кралството Југославија за 1935 година. Мита Димитријевиќ, Македонец по род, е роден во Крагуевац 1879 година. Бил на високи државнички функции во Кралството Србија и пратеник во Кралството СХС/Југославија.

После и до денеска много горки молби, како за помиловање тако и за други муки ваши дохождали са ми у Белград. Ја све сам се тру(д)ил за добар успех.

И сега еве ме пред вас братја **Македонци**, в много важен момент, пред изборите кога је у вашите раце судбината на вашијат крај и на самите вас. И сега како **Македонец**, кандитадирам от вас требва да иземам на себе вашата легална заштита пред парламента пред државата и пред целија свет.

Вашата **македонска болка** добро ја познавам. Положих уво на вашето срце и разбрах што вас боли и мучи. Примам на моја савест задолженијата који подоле кои ги пишам слободно и отворено као мој политически програм за работа в парламента. То са следните десет точки, који сметам као десет божји заповеди за мир и среќа у **Македонија**.

1. Преди се ке се борам за умирвање **Македонија**, за законост и за пуна граѓанска слобода. Секој да се чувствува слободен и пуноправен граѓанин, мирно да спије, и никако да не се боје ни за себе ни за својето имање. Као и сви граѓани на ова држава тако и **Македонците**, који исполњават све граѓански должности, као што си га исполњавали и през европејската војна, заслужават да будат гарантирани от закона. Ке се борам да ниеден **Македонец** не падне в затвор без закона причина; да не лежат несудени повече од законја срок; да не бегат и от каков зулум в планините...“[2005]


Братја Македонци!

Да живеја мир и правда у Македонија!

Мита Димитријевиќ

Летокот на кандидатот за пртеник на парламентарните избори Мита Димитријевиќ, во 1935 год.

[2005] Подвлечено во оргиналот.

1935 год. Одлука на Конференција на Кукушкото братство во Бугарија. Резолуција на Конференцијата: „Илинден не беше дело само на сега организираните живи илинденци, туку тоа беше **дело на целиот македонски народ**, вклучувајќи ги и жените и децата. Тој е ден на сите оние кои по една или по друга причина не зеле учество во вооруженото востание. Илинден е скап и значаен за младото **македонско поколение**, бидејќи тој го осветлува патот по кој ќе се ослободи нашата поробена татковина. Како што гледате, Илинден е длабокиот општонароден празник за сите **Македонци** кои работат и мислат по заветите на Илинден. Изложувајќи го ова, ние со основание сметаме дека како подготовката така и самото празнување на Илинден треба да ги опфати **сите македонски организации**.“[2006]

1936 год. Ангел Динев.[2007]

„**ИЛИНДЕН, МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН ПРАЗНИК**

Македонскиот народ си има свој национален празник. Тоа е Илинден - денот кога **македонскиот роб** излезе на решителен двобој со султанските потисници за национално ослободување и економска слобода.

Илинден е олицетворение, остварување и израз на онаа револу-ционерна наслојка која ја натрупаа во свеста на широките маси, во релативно кратко време, апостолите на **македонската револуција**, на чело со Гоце. Меѓутоа, сосема не значи дека **македонскиот народ** не бил свесен за својата положба на роб и дека немал природен и стихиен стремеж за слобода и правда.

Гоце и неговите другари го организираа и вдахновија тој стремеж. И во тоа е нивната огромна заслуга спрема великото дело на Македонија.

Триесет и три години нè делат од тој светол датум во **македонската ослободителна борба**. А Илинден е сè така жив во паметта на поробениот **македонски народ**. Дури и нешто повеќе - тој е веќе школа на новите поколенија во нашата татковина...

Добро, илинденците се живи борци, чувари на знамето од 1903 година, ама Илинден е дело на целокупниот **македонски народ** - од децата до старците. Илинден е создаден со крвта на илјадници познати и непознати,

[2006] *Македонски вести*, бр. 23/1935; Картов, В. *Македонскиот народ и...* : 319-320.

[2007] Ангел Динев овој текст го напишал како редактор на весникот *Македонски вести* во една негова уводна статија.

македонски борци и нели се навредува споменот на нив, кога најголемото дело на македонскиот народ сакаат да го заштитат како ’патронен‘ празник? Не е ли тоа најпосле подбивање со живите илинденци?

Па зар не се малкумина илинденци пред прагот на гробот? По нивната смрт би следувало да се избрише Илинден од македонскиот календар?!

Не! Илинден е единствениот **македонски национален празник** на нашата ослободителна борба!

Ние се поклонуваме пред величието на Илинден!“[2008]

1936 год. Весник *Македонски вести*. „Списанието е културно-просветно знаме и на секој чистомислен **Македонец** во Бугарија и вон од неа. Тоа е орган на слободната возходјашта македонска мисла и се грижи да ги обедини сите **Македонци** во тоа и под знамето на Македонија. Тоа е трибина на сите Македонци..., односно ги изразува идеалите и стремежите на сите **Македонци**.“[2009]

1936 год. Група Македонци во Бугарија.

БРАЌА **МАКЕДОНЦИ**!

На 6 јули империјалистите во Софија ќе ги судат нашите смели револуционери и општественци. Зошто? Затоа што имаа смеслост да се нарекуваат **Македонци** и да водат борба за ослободување на Македонија.

Граѓани!

Дигнете се во борба за прекратување на сите процеси.

Македонци!

Дојдете масовно во судот за време за време на одржувањето на процесот и демонстрирајте ја вашата солидарност со обвинетите!

Долу потисниците на **македонскиот народ** во Белград, Атина и Софија!

Долу процесите!

Долу рацете од **македонското движење**!

Да живее македонското единство!

Да живее **националната македонска револуција**!

Да живее ВМРО (обединета)!“[2010]

[2008] Динев, А. „Илинден, македонски национален празник“. *Македонски вести*, бр. 36, 5.8.1936; Картов, В. *Македонскиот народ*..., 321-322.

[2009] *Македонски вести*, бр. 52. 9.4.1936; Картов, В. *Македонскиот народ*..., 313-314.

[2010] *Историска вистина*... : 139; Архив на Македонија, Фонд - Варија, От група Македонци в България, Позив към македонската емиграция и към честните Българи.

1936 год. Трети софиски реонски комитет на ВМРО (обединета).

„**БРАЌА МАКЕДОНЦИ**!

На 15-ти минатиот месец беа земени, уште во темните зори, над 150 души, храбри македонски активисти, само затоа што имаат смелост да се борат за слобода на Македонија и да се нарекуваат **Македонци**.

Врз уапсените се применуваат нечуени средновековни инквизиции за да се извлечат некакви доказни материјали.

Воено-фашистичката Влада на чело со гробарот на Македонија, Борис III, за да може полесно да ја спроведува својата ослепувачка и империјалистичка политика си постави задача од темел да ја уништи ВМРО (обединета), која единствено ги заштитува интересите на Македонија и на **македонскиот народ**.

Работни Македонци!

Ќе им дозволиме ли на крвниците и на империјалистите да ги затрат името ’Македонија‘ и ’македонското прашање?‘ Ќе ги погазиме ли верните завети на Гоце и Сандански - слободна и независна Македонија? Не! Тоа нема да го дозволиме!

Наспроти чудовишните пресуди над четриесет и двајцата борци од Горна Џумаја и сегашниве апсења во Неврокоп, Горна Џумаја, Софија и во други места, борбата за слобода на Македонија ќе продолжи со уште поголем ентузијазам. Влегувајте масовно во редовите на ВМРО (обединета), раководителка на поробениот **македонски народ**. Да живее македонското единство. Долу предавничкиот врховизам - михајловистите и протогеровистите! Долу империјалистите од Софија, Белград и Атина!“[2011]

1936 год. Димитар Влахов. Иако главната цел на авторот била „да се издаде една брошура на француски јазик за состојбите во Македонија, целите на ВМРО (об.) и борбата на македонскиот народ за ослободување“, брошурата во ракопис на Д. Влахов под наслов *За слободна, обединета и независна Македонија!*[2012] прави исцрпен пресек на општите состојби со правата на

[2011] Истото, 138; Архив на Македонија, Фонд - Варија, Трети софијски районен комитет на В.М.Р.О (Обединена).

[2012] Брошурата е откриена од проф. д-р Ленина Жила во Рускиот државен архив за социјално-политичка историја: Российский государственнъій архив социально-политической истории - РГАСПИ, ф. 539, оп. 5, д. 85, л. 23-57 (документот е на француски јазик преведен и лекториран од Нада Костова).

Македонците во Југославија, Грција и Бугарија во претходните 3-4 децении, а особено за состојбите по Првата светска војна. Тука издвојуваме само некои делови од брошурата кои се однесуваат на состојбите околу националните прашања:

„Токму за Македонија, за тоа кому таа ќе припадне, се водеше Балканската војна 1912 година. Токму за да приграбат поголем дел од македонската земја ја започнаа војната 1913 година. Токму за да ја зацврстат својата доминација и за да ги присвојат деловите од македонската земја окупирана од соседите окупаторите на Македонија учествуваа во светскиот колеж во периодот од 1914 до 1918 година. Денес, сè уште, откако го распарчија **македонскиот народ** и откако го поделија пленот (овој грабеж беше одобрен со Букурешкиот (1913) и со Парискиот договор (1919), балканските пирати ги немаат изменето основните намери на политиката во однос на нашата земја. И денес сè уште политиката на окупаторите на Македонија е насочена кон задржување на приграбените од нив **македонски територии** и кон анектирање на **македонските области** што се окупрани од нивните соседи... Нашиот народ водеше, исто така, беспоштедна борба против завојувачката политика на балканските држави (и нивните моќни заштитници - европските империјалисти), а, имено, против пиратите кои во 1912 година се договорија врз основа на една спогодба да поведат војна за освојување и поделба на **Македонија**; тие се скараа при поделбата на пленот и започнаа меѓусебна војна, но потоа тие повторно се договорија да го поделат раскрвавеното тело на нашиот многу напатен народ. Нашиот народ водеше храбра борба како против 'културната' пропаганда на тие пирати така и против нивните вооружени банди, испраќани со цел да придобијат прврзаници за нивната завојувачка политика, да го онеспособат раководството на револуционерното движење, а во случај на неуспех да ја уништат, со помош на турските власти, **Македонската револуционерна организација** - пред-водник на македонските маси во нивната борба за човекови права и национално ослободување.

Историјата на нашиот народ содржи светли страници за таа борба. Во таа историја вечно ќе биде запишан славниот датум 2 август 1903 година, ден на објавувањето на вооруженото востание на **македонскиот народ** - Илинденското востание, во кое 20 000 **македонски револуционери** со оружје в рака се бореа во период од три месеци против 300 000 војници и башибозуци на турската држава...

Балканските држави кои ѝ објавија војна на Турција под изговор ’да ги ослободат поробените браќа‘ влегоа во нашата земја и воведоа крвав режим на угнетување и терор, експлоатација и грабеж...

Во **Македонија,** под доминација на Југославија, на **Македонците** им се негира правото да бидат посебна нација; не им се дозволува да зборуваат на својот јазик, да имаат свои училишта, да имаат свои културни институции, свои весници, свои книги. Дури не им се дозволува да ги користат своите имиња: имињата се изменети, ‘посрбени‘... Сите училишта и културни институции на **македонскиот народ**, сите негови национални и културни остварувања стекнати со истрајна и непрекината борба во текот на еден век беа уништени. На нивно место се отворени српски училишта, а црковните служби се вршат на српски јазик (тие училишта не соодветствуваат на културните институции што ги имаше **македонскиот народ** пред српската окупација).

Македонскиот народ е ставен надвор од законот. Белградските диктатори во делот на **Македонија** што се наоѓаа под нивна доминација без прекин применуваат апсења, прогони, малтретирања, истраги, тешки пресуди, многу често смртни, убиства...

Од окупацијата на **Македонија** до денешен ден великосрпскиот режим во однос на еден и пол милион жители изврши 1500 политички убиства, 25 000 **Македонци** беа затворени 3700 беа осудени на повеќе од 10 000 години заточеништво...

Занданите на Југославија се преполни со политички затвореници. Во Главњача, Лепоглава, Митровица, Идризово, бастилјите на Југославија, стенкаат повеќе од 3000 политички затвореници, од кои повеќе од 500 се **Македонци**...

Положбата на **македонскиот народ** под грчко ропство скоро во ништо не се разликува од онаа под власта на белградските господари. И тука се применуваат истиот систем на угнетување, истите методи. **Македонското население** не ужива никакви политички и граѓански слободи, никакви национални и културни права.

Не постојат **македонски училишта**, **македонски културни институции**, цркви во кои се проповеда на **македонски или словенски јазик**...

Но репресивните мерки што атинските диктатори ги применуваат кон **Македонците** по својата свирепост ги надминуваат оние што се применуваат кон другите националности што живеат во **македонскиот регион**. Прогоните

што се применуваат кон **Македонците** се вршат на два начина: прво - преку малтретирања, апсења, процеси и варварски пресуди, депортирање на островите, убиства. Случаите на крвав терор во Солун, Кавала, Драма, Флорина, Бутин и во Трлис, каде што беа стрелани 17 **македонски селани**...; второ - на ’легален‘ начин, т.е. врз основа на еден злосторнички и свиреп договор, склучен меѓу бугарската и грчката Влада за размена на населението, **Македонците** од Грција се ’заменети‘ со Грци од Бугарија. Врз основа на споменатиот договор, до денес беа прогонети од родната земја и целосно ограбени повеќе од 100 000 **Македонци**. На тој начин таа огромна македонска маса беше принудена да скита во Бугарија, да мизерува, да страда од големи лишувања, да умира од болести и глад...

Една од целите на грчките власти во македонскиот регион е да го променат етничкиот карактер на земјата. Може да се каже дека таа цел е веќе постигната; грчкото население, кое порано сочинуваше 25 - 30 % од вкупното население на **Македонија**, денес претставува скоро 75 - 80 %...

Ако ја разгледаме положбата во која се наоѓа **македонскиот народ** на територијата од Бугарија, т.е во македонскиот регион околу Петрич и во самата Бугарија, каде што има околу 300 000 **македонски емигранти** и бегалци принудени од национални и од политички причини да ги напуштаат своите огништа, што сега ги држат Југославија и Грција...

Што се однесува на **Македонците**, бугарската ’културна‘ пропаганда веќе десетици години вложува семожни напори за да изгради таму бугарски менталитет. Бугарската држава ги смета **Македонците** за Бугари и не го признава постоењето на **македонската нација**. Впрочем, познато е дека **Македонците** од **македонскиот крај** на Бугарија и **македонските бегалци** и емигранти во Бугарија се сосема исти како **Македонците** од Југославија и од Грција. **Македонците** се посебен народ, тие се посебна нација на Балканот која живее меѓу другите балкански нации и до пред извесно време под исти економски услови. Тие претставуваат нација која има свој јазик, свои обичаи и навики, свои културни и интелектуални интереси, свој посебен македонски менталитет.

Сметајќи ги **Македонците** за Бугари, потпирајќи се врз стекнатото големо културно влијание, бугарската држава секогаш зборуваше во името на **Македонците**, прикажувајќи се како бранител на нивните интереси. Меѓутоа, ова не ѝ пречи на бугарската држава во своите граници да ги третира овие луѓе

како потчинета нација... Таа не се колебаше да склучи договори за поделба на **Македонија**...

Сите политички комбинации што одделните бугарски влади ги направија со Турција, со Грција, со Србија и сега со Југославија се спроведени на сметка на животот, слободите и интересите на **македонскиот народ**. Политиката на бугарската држава во однос на **Македонија** отсекогаш била империјалистичка, наполно еднаква со онаа на Грција и на Србија.

Тргнувајќи од своите империјалистички интереси, бугарската држава ја прогонува секоја појава на независна мисла и дејства на **македонскиот народ** на нејзината територија. Таа направи огромни напори, користејќи ги сите средства со кои располага за да го потчини движењето за ослободување на **Македонија**. А кога нејзините намери не успеаја, кога нејзините постојани обиди да ги корумпира **македонските борци** и да ја стави под свое влијание и раководството Македонската револуционерна организација наидоа на железен отпор кај тие борци и кај целокупното **македонско население** кои сакаа да ја зачуваат независноста на **македонскот ослободително движење**...

Политиката на бугарската држава кон **Македонците** што живеат на нејзината територија, во областа на Петрич и во Бугарија воопшто, не се разликува од онаа што ја водат грчките и српските окупатори спрема **Македонците** што живеат на нивните територии.

Македонците што живеат под власта на бугарскиот фашистички империјализам немаат политички и граѓански права. Слободата на печатот, собирите, зборот - тоа се непознати поими за **македонското население** во Петричкиот Крај. Сите политички, синдикални и културни организации и здруженија што постоеја таму до воведувањето на фашистичката диктатура во Бугарија се распуштени...

Во македонската Петричка Област, во моментот кога се одржуваа изборите во бугарскиот Парламент, фашистичката диктатура не дозволи да се поднесат независните кандидатски листи...

Семоќните властодршци на овој регион, а тоа се воените и граѓанските власти, во својата угнетувачка политика користат некои **Македонци** како агенти.

Од пред десетина години во овој регион формално постои опсадна состојба постои де факто, а не формално. Културната реакција што беснее во овој крај се изразува преку своите брутални форми. Секаква појава на каква било слободна мисла, на мисла за правата и слободите на народот, за

ослободување на **Македонија** е прогонувана на најсвиреп начин. Теророт што беснее во овој крај од пред 13 години се спроведува на најзверски начин: малтретирања, мачења при истрага, убиства - тоа е судбината на населението од овој регион. Во текот на 13-годишниот период беа извршени 2500 убиства на селани, работници, занаетчии, ситни трговци, интелектуалци...

Со воведувањето на военофашистичката диктатура во Бугарија (19 мај 1934), прогонот на сè што е македонско е зајакнат. Запрена е секаква македонска активност...


Македонските народни маси, како и сите народни маси во Бугарија, Југославија и Грција, многу добро знаат дека ВМРО (обединета) е македонска народна револуционерна организација, непартиска, која води систематска борба против окупаторите, против колонијалниот режим што владее во нашата земја, против корупцијата, експлаоатацијата и грабите на кои се изложени народните маси...

Маневарот што бугарската военофашистичка диктатура го организира има јасно одредена цел - да ѝ се зададе удар на ВМРО (обединета), на единствената доследна народнореволуционерна организација на **македонскиот народ**...

Во ниту еден момент не треба да се заборави дека мирот на Балканот е без како било сомневање сврзан со укинувањето на тиранскиот режим на нашата земја. Укинувањето на тој режим - **создавањето слободна и независна Македонија** - ќе уништи едно од главните жаришта за војна во Европа...

Во овој час ВМРО (обединета) води истрајна борба против завојувачите на **Македонија**, таа се наоѓа во првите редови на **Македонскиот народен фронт** кој се организира околу славното знаме на ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ. Да се обединиме околу тоа знаме! Доста е внатрешни македонски борби! Доста е пролевање братска крв! Само непријателите на нашиот народ имаат корист од тоа..."[2013]

[2013] Истото.



На посветата од фотографијата од пријателот на Д. Чуповски, воедно и национален сомисленик, Чамо Г. Чамишевски, стои: „Давам својот лик на најдрагиот ми другар - **Македонец** Димо Димов, Павле Чуповски на најдобра памет за **нашето единомислење за самобитност-та на наша-та таткоина Македонија**...“

1936 год. Искази на осудени Македонци пред бугарскиот суд. „Судот го започнува делото во отсуство на обвинетите: Димитар Јанакиев Влахов, Владимир поп Томов, Васил Ивановски, Арсо Поп Василев и Методи Тасев Шаторов, за кои да се издаде пресуда во отсуство. Обвинетите го определија својот идентитет: Асен Тодоров Чаракчиев од гр. Неврокоп, 25 години..., изјави дека по народност е **Македонец**; Григор Динев Стефов од гр. Дојран, 36

години..., изјави дека по народност е **Македонец**; Анешчи Николов Узунов од с. Плевња, **Македонија**, 22 години..., изјави дека по народност е **Македонец**; Стефан Георгиев Нанов од с. Меловиште, **Македонија**, 26 години..., изјави дека по народност е **Македонец**; Иван Денишев Наков од с. Долни Тодорок, **Македонија**, 22 години..., изјави дека по народност е **Македонец**; Филип Георгиев Вригазов од с. Јакоруда, Разлошко, 26 години..., изјави дека по народност е **Македонец**; Христо Георгиев Димитров од с. Крива, Ениџевардарско, 24 години..., изјави дека по народност е **Македонец**; Благој Иванов Попјорданов од гр. Велес, 23 години..., изјави дека по народност е **Македонец**; Минко Георгиев Попов од с. Јакоруда, Разлошко, 26 години..., изјави дека по народност е **Македонец**; Мара Димитрова Петрова од град Неврокоп, 24 години..., изјави дека по народност е **Македонка**...“

Асен Чаракчиев: „Во лицето на моите сообвинети пред суд е исправена Внатрешната македонска револуционерна организација (обединета), а ВМРО (об.) е продолжувач на старата ВМРО. Делото на Обединетата - тоа е делото на **македонскиот народ** кој се бори за слобода и независност...

Господа судии, денес пред вас на клупата на судените, всушност, е поставена револуционерната борба на **Македонецот** - роб, пред судот е ставен идеалот за слободна и независна Македонија...

Господинот обвинител тврди дека ВМРО (об.) е организација на бугарска почва. Тоа не е вистина. Обединетата е организација на **македонска почва**. Во границите на денешна Бугарија организациона база за ВМРО (об.) е **Петричко, кое е неделив дел од Македонија**...

Обвинителот обвинува дека ВМРО (об.) има за цел откинување на Петричко од Бугарија. Да, тоа е така. Обединетата навистина се бори за уништување на бугарската државна власт во Петричко и за нејзино заменување со **македонска државна власт**. Секој кој е за слободна и **независна Македонија** е за отцепување на Петричко од Бугарија. Секој кој е за **независна македонска држава** не може да не биде за уништување како на српската и грчката така и бугарската државна власт во **деловите од Македонија**...

Отцепувањето на Петричко од Бугарија за Обединетата не е одделна цел, тоа е дел од општиот идеал - ***слободна и независна Македонија***...

ВМРО (об.) се бори за таква слободна и **независна Македонија** во која власта фактички ќе **припаѓа на народот**, во која приватната сопственост и парламентаризмот, основните карактеристики на боржуаско-демократскиот режим ќе бидат зачувани...

Да ги земеме само економските и политичките причини што ја одделуваат Македонија од Бугарија, **Македонецот** од Бугаринот. Да ја земеме само полувековната револуционерна историја и непрекинатата волја за самостоен политички живот, изнесени, главно, на плеќите од основното **словенско население и неговото македонско национално сознание** што се формирало во тој период, се доволни, ние, **македонските Словени** да полагаме право на **самостојна нација.“**[2014]

1936 год. Весник *Македонски вести*. „Народ без култура што ќе го сплотува е осуден да биде објект на заграбување и асимилирање...

Секој **Македонец,** каде и да е, се раководи од длабокото чувство за долг кон својот народ и својата татковина. Со борбата за леб истовремено да води борба за **македонската култура**. Со тоа најправилно и најтрајно ќе ѝ помогне на својата татковина...

Ние апелираме, **Македонецу**, **Македонко**, браќа и сестри, татковци и мајки; вие што се занимавате со театарска или ликовна уметност, белетристика или поезија, журналистика или наука, творци на уметнички вредности, во светлината на вашето време да ја обликуваме и да ја осветлиме нашата крвава историја, првоапостолите на нашето националноослободително движење и стремежите на нашиот народ за ослободување во ликовите, да ја изградиме со тоа сознание на нашиот народ гранитната скала на неговата слобода и независност...“[2015]

1936 год. Весник *Македонски вести*. „Пред околу три месеци на едно јавно собрание на опозицијата во Скопје еден **Македонец** изјави: ***Македонскиот народ*** *е за демократија. Ние како народ нема да се претопиме. Ние 500 години под Турците не исчезнавме..., уште толку да останеме распарчани и поробени пак нема да исчезнеме*.“[2016]

1936 год. Петар Ацев.[2017] „Ние **Македонците** треба секогаш да го имаме над сè македонскиот идеал. А тој е **Македонија на Македонците**, обединета, слободна и независна Македонија.“[2018]

[2014] Миноски, М. *Македонија и Бугарија*... : 188-190; Архив на Министерството на вътрешните работи, София, ОБ 105232, III, л. 101, 104, вх. 15977/22.5.1936; Истото, л. 56-57, 8.7.1936; истото, II, л. 17; истото, 20, 21, 24,

[2015] *Македонски вести* (месечник за историја, литература и општественост). София, 22.5.1936: 4.

[2016] Истото, 24.6. 1935: 1.

[2017] Учител - револционер и илинденски војвода.

[2018] *Македонски вести*. София, 15.7.1936: 1.

1936 год. К. Ламбрев. Според него, „македонското прашање постои затоа што постои македонски народ...

Владите на балканските држави... по силата на завојувачка политика ја владееле Македонија, не го признаваат постоењето на македонското прашање како **одделно македонско национално прашање**...“[2019]

1936 год. Студенти од вардарскиот дел на Македонија во Скопје. „**Македонците** под српска власт живеат со чисто наше **македонско сознание... со македонски говор, на македонски дијалект**...“[2020]

1936 год. Ник. И-в.[2021] „**Македонската нација** се создаде во еден долг историски процес во кој се заврши нејзиното оформување уште во минатиот век. Нејзината структура се состои од селаните во едни **древни Македоњани и подоцнежните Словени во Македонија**. Тоа значи дека ние не ги ставаме во еден национален кош сите народности што ја населуваат нашата татковина... **Македонската нација** постои затоа што нејзиното македонско словенско население има заеднички јазик, едни и исти нарави и обичаи, историска заедница...“[2022]

1936 год. Д. Г. Заров[2023] „Кон истражување и творештво на **македонската култура**, тоа треба да ни биде првата девиза на нашата борба за слободна Македонија.

Денеска кога **македонскиот народ** од секогаш најмногу почна да ја осознава идејата за нашата народна независност во нашата борба за една самостојна единица (како Украина или Швајцарија), било во словенска или во балканска федерација и сл., правата задача треба да ни биде нам, на потомците на солунските браќа Кирил и Методиј и на царот Самоил, да ги истражиме и да ги одделиме нашите културни богатства што ни се присвоени од блиски во секој поглед нам братски народи, а исто така да изградиме нови такви, создавајќи истовремено и наш литертурен јазик.

Нека **Македонецот**, каде и да е тој, се проникне од длабоката свест спрема својата татковина и народот и на рамно со неговата борба за леб нека

[2019] Истото, 22.7.1936: 1.

[2020] Истото, „Писмо отъ Скопие“, 15.7.1936.

[2021] Најверојатно се работи за псевдоним на Васил Ивановски.

[2022] *Документи за борбата*..., том 2: 120-123; *Македонски вести*. София, II/66 (12.VII.1936): 2-3.

[2023] Псевдоним на Митко Зафировски (1907 - 1973), македонски културно-национален деец и публицист.

ја издигне и борбата за создавање и истражување на македонската култура, преку која најправилно и здраво ќе ја помогне нашата татковина.

Македонецу, **Македонко**, браќа и сестри, татковци и мајки, сите вие што се занимавате со театарска или со ликовна уметност, белетристика или поезија, журналистика или наука, творци на уметнички вредности, во светлината на нашето време, да ја изјавиме и да ја браниме нашата крвава историја, првоапостолите на народноослободителното движење и стремежите на нашиот народ за ослободување во ликови за да ја изградиме со тоа свеста на нашиот народ во гранитната скала за неговата слобода и независност.“[2024]

1936 год. Бугарска работничка партија, Бугарија. „ДЕКЛАРАЦИЈА НА РП И ОПШТОНАРОДНИТЕ И НАЦИОНАЛНИ БАРАЊА НА БУГАСКИОТ НАРОД

...11) РП му ја дава својата полна поткрепа на братскиот **македонски народ** и на неговата борба за самоопределување до неговото делување во самостојна држава. Таа е за признавање на населението во Петричко ЗА **НАЦИОНАЛНО МАКЕДОНСКО МАЛЦИНСТВО**, за негово снабдување со земја... РП се бори да признае и зачува **правото на Македонците на национално малцинство и во Југославија и во Грција**.

12) Ние сме против потиснувањето и асимилитарската политика на реакцијата кај нас во однос на националните малцинства што живеат во Бугарија. Ние бараме тие да имаат свои училишта и цркви, слободно да создаваат свои културно-просветни и национални организации. Нивните училишта да бидат третирани рамноправно со бугарските и да се издржуваат од државата.“[2025]

1936 год. Јосип Броз, Кралство СХС/Југославија. „Мислам дека треба да се истакне власт да ѝ се предаде на влада што ќе ја ужива народната доверба од составот на сегшната вонпарлментарна опозиција во која ќе биде достојно застапувана работничката класа. Таквата влада би имала задача да спроведе избори врз основа на тајно и пропорционално право на глас со покраински листи. И тоа за да можат Хрватите, Словенците, Србите, **Македонците**, Црногорците, па и Војводина и Босна и Херцеговина да

[2024] Ристовски, Б. *Основите и концепциите на македонскиот литертурен кружок во Софија (1936): Македонски летопис: Раскопки на литературни и национални теми*. Скопје, 33-34.

[2025] *Историска вистина*... : 145; Државен архив на Македонија, Фонд - варија, Българска работничека партија, Декларация на РП и општонародните и националните искания на българскиот народ.

формираат свои национални собранија (собори), кои суверено би решавале за своите национални и регионални барања за државното уредување...“

„Тези за проект-платформта за широкиот НФ

Во платформата мора јасно и недвосмислено да дојде до израз решеноста дека правото на самоопределување на сите народи ќе се почитува, т.е. не само правото на Србите, Хрватите и Словенците туку и на **Македонците**, Црногорците, исто така и правото на народот во Војводина, Босна и Херцеговина да реши за тоа дали да ја зачува својата регионлна самостојност во федеративната држва.“[2026]



Војвода Смиле Војданов

1936 год. Војвода Смиле Војданов.[2027] „Ние се организиравме, пред сè, врз **национална основа**. Сакаме да го видиме изградено единството на емиграцијата за да се пристапи кон изградбата на **единствениот македонски национален фронт**. Зашто само така ние ќе можеме да се бориме и да го

[2026] *Документи за борбата*..., том 2: 145-146.

[2027] Смиле Војданов (1872 - 1958), македонски војвода од с. Лактиње, Охридско. Член на МРО и учесник во Илинденското востание. По неговото мигрирање во Америка е првиот претседател на Македонскиот народен сојуз и истакнат деец и пропагатор за обединување на сите Македонци и за афирмација на македонската нација и македонската држава.

повикаме на помош надворешниот свет за да ни помага... Како што ви реков, ние го проучуваме теренот и го фрламе семето на помирувањето. Процесот на избиструвањето не е брз како што можеме да си мислиме. Нужно е за тоа работа. Од средбите што ги имав со некои видни општественици можев да констатирам една збрка по прашањево. Таа збрка е сфатлива кога ќе се има предвид положбата. Мнозинството од **македонските дејци**, меѓутоа, се решително за помирување. А емиграцијата наполно се ориентира во духот на нашите идеи. Ние веруваме во обединувањето, зашто веруваме во еволуцијата на **Македонците** кон **чистата македонска идеја**.“[2028]

1936 год. Кирков. „Народот... кој со своето самоодречување ја создаде илинденската епопеја - тој народ, велиме, никогаш нема да го заборави своето историско минато и заради своите економски и политички потреби и славата своја и на своите дедовци што живееле културно-просветен и слободен живот. Денеска тој си зборува на својот мајчин јазик не само во Македонја туку и надвор од своите предели, на Балканот, во Европа и зад океанот. Во тој говор се крие величината негова и на неговите дедовци кои му ги напишале етничките напишани таблици непојаснети поради лошите политички услови. Полн со добродетели, **македонскиот народ** денеска живее, зборува на својот дијалект и пее песни на мајчиниот јазик.“[2029]

1937 год. Васил Ивановски-Дрен. „**Македонската нација** има своја историја на културно и политичко пројавување. Браќата Миладиновци се првите македонски просветители. Тие први ги посветија своите сили за разбудување самостојно национално чувство на македонскиот роб. Тие ги опеаја Охрид и Македонија како своја татковина на чисто македонски словенски дијалект. Тие не го учеа **македонскиот народ** ниту на српски, ниту на бугарски, туку го учеа на родниот **македонски јазик**...

По браќата Миладиновци доаѓаат многу други народни учители и духовни будители, како охридскиот епископ Теодосиј и групата околу весникот *Лоза* под раководство на Петар Арсов, кои еднакво се бореа против Грчката патријаршија, Бугарската егзархија и Српската патријаршија за **самостојни македонски училишта и цркви**. Тие, т.н. македонски сепаратисти, укажуваа на постоењето **одделна македонска нација** и пледираа за самостоен државен живот на таа држава.

[2028] *Македонски вести*. София II, 55, 27, 1, 1936, 1 и 3; Ристовски, Б. *Појави и процеси од македонското културно-национален развиток*. Матица. Скопје, 392.
[2029] Кирков. „Македонско сознание“. *Македонски вести*, бр. 43. 12.2.1936.

Од истата средина произлезе Внатрешната македонска револуционерна организција... Меѓутоа, притисокот на великобугарската пропаганда - егзархијата и врховистите - се покажа толку силен што го задуши прашањето за самостојна нација и успеа да внесе во свеста на многу **Македонци** убедување дека се тие Бугари. Тоа беше спроведено со запирањето на весникот *Лоза*, којшто излегуваше во Софија со прогонувањето од Македонија на епископот Теодосиј и на народните учители коишто не ѝ се потчинија на егзархијата, со забраната на книгата од Ѓорче Петров, која и денес се наоѓа во ракопис во архиват на бугарското воено министерство.

Но наспроти тоа, **македонскиот народ** со долги и упорни борби за економско ослободување и самостоен државен живот си создаде своја историја. Тие борби во минтото се разгранаа под раководството на старата Делчева ВМРО, против ропството на турските султани и бегови, како и против аспирациите на балканските држави.

Македонскиот народ со сопствена крв со своја историја ја запиша **првата македонска револуција - Илинденското востание,** чијшто венец е **првата македонска народнореволуционерна република во Крушево**...

Целата македонска историја не е само појава на **македонската нација**, не е само нејзин стремеж по своја национална држава, туку таа, **македонската историја**, во исто време е и елемент што го дооформува и го доопределува самостојниот карактер на **македонската нација**..."[2030]

1936 год. Влатко Мачек,[2031] Кралство СХС/Кралство Југославија. „**Македонските Словени**, кои најверојатно од сите јужни Словени се најстарите во својата територија, **не се сметаат ниту Бугари ниту Срби**. Токму поради тоа тие уште пред Балканската војна, а и исто така и по Сојузничката и Општоевропската војна, страдаа многу како од Бугарија така и од српската национална пропаганда, која, за жал, не се водеше секогаш со културни средства. Никако не е чудно што во југословенскиот дел на Македонија по склучувањето на мирот во 1918 год. во меѓусебните борби на **македонскиот народ** и белградскиот режим продолжуваа да се употребуваат истите методи...

[2030] *Документи за борбата*..., том 2: 110-116.

[2031] Владимир Мачек (1879 – 1964), хрватски политичар, претседател на Хрватската селанска партија и еден од најзначајните политичари во Кралството СХС и Југославија. За време на војната бил изолиран од јавниот живот во рамките на Независна Држава Хрватска, дури извесно време и затворен во логорот Јасеновац. По Втората светска војна живеел во САД до крајот на неговиот живот. Бил соработник на познати македонски дејци и се залагал за признавање на Македонците како посебен народ.

Мене ме посетија неколку македонски водачи кои ми изјавија: ’Ќе беше голема среќа ако ние **Македонците** водевме легална борба од 1918 година до денеска, идејна борба против борбата на насилството. Ние денеска можеби ќе се израмневме со Хрватите, а можеби ќе бевме и уште подобро.‘

Овие **македонски водачи** не останаа на голи зборови, туку преминаа на дело...“[2033]



Разгледница со натпис на германски јазик: „Македонска национална носија од Крушево, Македонија, под српски јарем“ - издание на македонските студентски друштва во туѓина (1923 год.).

[2033] *Трудова Македония*. Детроит, III, 4, 30.08.1936, 1; Ристовски, Б. *Пројави процеси*... 399.

1937 год. Весник *Трудова Македонија*.[2034] „*Трудова Македонија* се јавува како јазол на усилбите за изградба на единството на емиграцијата. Во него се крстосуваат стремежите на сите **Македонци** што се чесно оддадени да ѝ служат на својата поробена татковина...

Историјата на Македонија, процесот, развитокот на борбата за ослободување, идејните разјаснувања, фактите, мотивите и сè друго се очистени од врховистичката ’рѓа, од разбојничките раце на потисниците и нивните платени јазиковедци, историчари, филолози географичари и етногеографичари. Сите ќе ги најдете проектирани во *Трудова Македонија*, такви какви што ги наоѓаме во наболената, но слободољубива душа на херојскиот македонски народ“.[2035]

1937 год. Н. Расковски.[2036] Весник *Македонски глас* од Буенос Аирес, Аргентина. „Ние, будната македонска емиграција, не треба да стоиме, ами да работиме и да се бориме до крај за да ја видиме еден ден нашата борба овенчана со успех, политички и економски независна и слободна Македонија. Со тоа ќе докажеме дека и **ние Македоците сме нација достојна за самостоен политички живот**, а не како сега што ни направија пљачка Грци, Срби и Бугари. Не другари. Ние не сме ниту Срби, ниту Грци, ниту пак Бугари. **Ние сме си одделна нација - македонска нација**, ние како народ си имаме свое минато, своја историја...“[2037]

1938 год. Коста Веселинов. Во забранетиот весник во Бугарија *Гоце*, кој требало да се објави во Софија 1938 година од страна на Културно-добротворно братство „Гоце Делчев“, друштво на бегалците од Кукуш и Кукушко во Бугарија, чиј единствен примерок се чува во НУБ „Св. Климент Охридски“ во Скопје, Коста Веселинов, меѓу останатото, изјавил: „Како верен син на **македонскиот народ** тој се наоѓаше во трескава подготовка да ги отфрли вековните окови на тиранијата и да ја покаже пред целиот свет готовноста и зрелоста за национално ослободување; тој со натчовечка смелост и пожртвуваност го подготвуваше востанието внатре и се бореше против крстосувачите на туѓите пропаганди однадвор; како син на **македонскиот**

[2034] Весникот *Трудова Македонија* бил орган на Македонскиот народен сојуз, масовна македонска национална организација од САД и Канада, кој излегувал во периодот од 1934 до 1938 год.

[2035] Трудова Македония, Детроит, III, 15, 15, II, 1937, 2; Блаже Ристовски, Појави и процеси ..., 401, 402.

[2036] Н. Расковски, македонски емигрант од Медисон, САД.

[2037] *Македонски глас*, 9. Буенос Аирес, 1937: 2.

народ, одгледан и одраснат со неговите болки, Гоце Делчев ја сфаќаше националната борба како неопходност во која борците се заколнале да не служат себеси, туку на татковината. Тој знаеше дека националната слобода не е само слобода на говор и слободно пишување туку една широка можност за благосостојба и напредок на народниот израст во неговата целост. Националната борба е човечка борба, затоа таа не е празен збор, не е мистика, туку една животна неопходност во чии рамки ќе се остварат социјалните права и ќе се осигура правилното развивање на **македонскиот народ**..."[2038]

1938 год. Ѓорѓи Деспотов. „Во моментот кога кон Македонија се протегаа грабачките раце на малите и големите држави, и агентите на најреакционерниот султан Абдул Хамид, провидиентно го испрати меѓу **македонскиот народ** неуморниот апостол и револуционер, организатор и идеолог[2039] - таков каков што големите маченици одамна очекуваа... Денес, кога над нас се нафрлиле најбезкрупулозните црни диктатори, кога **македонскиот народ** е прикован како Прометеј, одземајќи му ги природните права да пишува и зборува на свој мајчин јазик, духот, светлиот дух на **македонската револуција** ги инспирира младите за нови подвизи за да ја исполни заклетвата на својот учител; ништо не е во состојба да ја запре борбата за **слободна и независна Македонија**."[2040]

1938 год. Михаил Герџиков. Соборецот на Гоце Делчев во неговото интервју за македонскиот апостол го рекол следново: „За македонското револуционерно движење Гоце Делчев беше тоа што Левски беше за бугарскиот и Мацини за италијанскиот народ. Но тој беше и нешто друго, тој беше совеста на македонскиот револуционер. Единствено тој можеше да ги регулира односите меѓу одделните членови на Организацијата влезени во неа

[2038] Миневски, Б. *Фокус*, бр. 735, 31.7.2009: 10-14; (НУБ „Климент Охридски" - Скопје. Зафировски, М. *Гоце* (прв печатарски отисок). Културно благотворно друштво „Гоце Делчев". Софија, 1938. Весникот е забранет од бугарските власти, а единствениот примерок тајно е чуван и пренесен во Скопје по ослободувањето на Македонија од страна на неговиот уредник Митко Зафировски и публицистот и историчар Ангел Динев.

[2039] Се мисли на Гоце Делчев.

[2040] Миневски, Б. *Фокус*, бр. 735, 31.7.2009: 10-14; (НУБ „Климент Охридски" - Скопје. Зафировски, М. *Гоце* (прв печатарски отисок). Културно благотворно друштво „Гоце Делчев". Софија, 1938. Весникот е забранет од бугарските власти, а единствениот примерок тајно е чуван и пренесен во Скопје по ослободувањето на Македонија од страна на неговиот уредник Митко Зафировски и публицистот и историчар Ангел Динев.

во разни услови, со разни идеологии, со различно образование, со различно воспитание, излезени од најразлични социјални средини.“[2041]

1938 год. Благој Љапчев: „Основна задача на секој **Македонец** треба да биде неговото национално сознание и борбата за независност на својата родна грутка... секој **Македонец**, независно од своите религиозни, општествени, социјални, политички и други сфаќања, мора да се чувствува, пред сè, како **Македонец** и да се инспирира од чисто македонски идеали и најдостоинствено да го чува чистиот македонски карактер на ослободителната борба.“[2042]

1938 год. Петар Пенков. Според Пенков, Гоце Делчев е генијот на македонското револуционено движење и дека тој „...создаде најмоќна револуционерна организација на Балканот која му покажа на светот дека **Македонија** живее во ропство... зборовите на Гоце паѓаа како гром и ги раздвижува срцата на **македонскиот народ**... тој не само што не е заборавен туку стана знаме на **македонскиот народ** и срце на **македонската младина**, затоа што живееше и се бореше со чист патриотизам - љубов и кон нашиот народ и кон сите други народи...“[2043]

1938 год. Ангел Динев. Историски труд *Македонските Словени*

„По воспоставувањето мир меѓу Славунија и Византија, непосредно по втората опсада на Солун, **македонските Словени** се оддале на мирен труд. Со трговскиот договор или со унија тие имале пристап во Солун. По историскиот пат Виа Игнација, кој по долината на реката Шкумба - Елбасан - Охрид - Ресен - Битола - Солун го врзува Белото со Јадранското Море и преку патот по Моравско-вардарската Долина што го поврзува Белото Море со Средна Европа, **македонските Словени** можеле да развијат голема стопанска и економска благосостојба. Дојдени во контакт со Византијците и запознати со нивната култура, тие ја примиле и нивнтата писменост како најраспространета... Навлегувајќи во нив грчката писменост и цивилизација, ја

[2041] Миневски, Б. *Фокус*, бр. 735, 31.7.2009: 10-14; (НУ НУБ „Климент Охридски“ - Скопје. Зафировски, М. *Гоце* (прв печатарски отисок). Културно благотворно друштво „Гоце Делчев“. Софија, 1938.

[2042] Миневски, Б. *Фокус*, бр. 735. 31.7.2009: 10-14: (НУБ „Климент Охридски“ - Скопје. Зафировски, М. *Гоце* (прв печатарски отисок). Културно благотворно друштво „Гоце Делчев“. Софија, 1938.

[2043] Истото, весникот е забранет од бугарските власти, а единствениот примерок тајно е чуван и пренесен во Скопје по ослободувањето на Македонија од страна на неговиот уредник Митко Зафировски и публицистот и историчар Ангел Динев.

разбудиле свеста кај нив поврзувајќи ги и изразувајќи ги особеностите на **македонскиот говор**...

Таа идеја била поддржана и од Византија која имала цел преку изнаоѓање писменост на **македонските Словени**, кои најрано од другите словенски народи го примиле христијанството, да ги преведе христијанските книги на словенски и преку **македонските Словени** да ја почне пропагандата за покрстување на сите други словенски племиња за да ги привлече кон својата политика и да ги има под свое влијание.

За изнаоѓање на македонската азбука се ангажирале двајцата браќа Кирил и Методиј, синови на Лев Солунски, воено-административен претставник на византискиот император кој бил родум од Солун и бил **македонски Словен**, како и неговата жена Марија. Кирил и Методиј, исто така, биле важни личности во византискиот императорски двор и често биле испраќани од императорот со мисија во далечни земји. Тие ја создале азбуката и почнале да ги просветуваат своите сонародници на нивниот мајчин јазик, преведувајќи ги и христијанските книги неопходни за црковно пеење на покрстените Словени, кои дотогаш во црквата слушале како се пее на грчки што не го разбирале сите.

Познато е дека **македонските Словени** најрано од сите други народи го примиле христијанството...

А во Бугарија таа проповед се одразила погубно врз политиката и влијанието на тврдоглавите мизиски паганси ханови и бољари... Примањето на словенството и **македонско-словенската писменост** од ханот Борис е голем успех на Византија и, пред сè, на **македонските Словени**, кои со тоа ги создале условите за победа на Словените во Бугарија за борба и изгонување на Прабугарите од државните установи, за нивно пословенување, за скршување на ханскиот дух и за свиткување на вратот на тврдоглавите паганси - бољарите...

Откако го наметнале триумфот на своите идеи, **македонските Словени** се сојузиле со Бугарите на Бориса и од Бугарија и Македонија во 865 година никнала една јужнословенска држава и внатре во неа биле воспоставени мир и политика на обединување на јужните Словени. Таа политика се одобрувала и од Византија... Меѓутоа, словенскиот внатрешен граѓански мир бил нарушен од Прабугарите, паганските бољари, кои востанале...

Востанието на паганските бољари Борис го задушил на најжесток начин, не поштедувајќи ги ни жените ни децата на востаниците. Таа жестока мерка била преземена за зацврстување на словенското единство...

По наредба на Охридската архиепископија учителите на македонско-словенката писменост: Климент, Ангелар, Горазд и другите, отишле во

Моравија да ја проповедаат и распространуваат писменоста. Но тие наишле на реакција од римските емисари и биле изгонети. Мизиските Словени ги пречекале изгонетите на најтржествен начин. Наум, Ангеларий, Горазд и другите останале кај Бориса, кој им дал секаква помош за да останат во Бугарија и да ја издигнат свеста кај народот. Од изгонетите само Климент се вратил во Македонија. Тој бил најнадарениот, најучениот и популарниот **македонски деец**...

Поради фактот што бил многу популарен официјалната Црква го ставила во списоците на светците. Климент заслужено ја добил таа чест. Од организираните од него школи излегле 3500 ученици кои го просветиле и облагородиле словенскиот дух...

Народот што му ја даде азбуката на целиот словенски свет, што го излачи од својата утроба великиот револуционер - реформаторот Богомил и пуританскиот воин Самоил; кој живееше во револуционерната република создадена тајно на територијата од султанската држава цели 19 години, од 1893 до 1912 година; кој со себеодрекување ја создаде Илинденската епопеја; кој водеше крвопролевна вооружена борба против вооружените пропаганди; кој се биеше против султанските војски на улиците од Цариград - тој народ никогаш, никогаш нема да го заборави своето историско минато и наспроти немањето секаква слобода нема да го изгуби својот етнички лик, ни својот дух, ни својот мајчин говор.

Полн со добродетели, **македонскиот народ** денеска живее, говори и пее на свој мајчин јазик. Тој бил и ќе биде носител на идејата за обединување и домашен мир меѓу сите јужни Словени и на идејата за братска коегзистенција за мир меѓу сите балкански народи..."[2044]

1938 год. Андре Вајан, Франција. „Поимот '**словенски македонски**' е нејасен само за оној што тоа го сака. **Словенскиот македонски** претставува реалност во таква мера што во XIX век суштествувал еден **македонски литертурен јазик**, јазик на сосема мала учена литература, но на обилна народна литература... Овој литертурен јазик, заснован врз говори што природно се разликуваат малку меѓу себе, немаше време да се унифицира. Меѓутоа, негови центри беа Скопје, Тетово, Охрид, Битола (Манастир), Воден итн.[2045]

[2044] *Историска вистина*... : 146-195; Диневъ, А. *Македонскитѣ Славяни*. София, 1938.

[2045] Valiant, A. „Le probleme du slave macedonien". *Bulletin de la societe de linguistique de Paris*, 39, 2, n. 116. Paris, 1938: 195.

1938 год. Божин Д. Проданов[2046]

„Господине министре,

1. Дали мисли(те) на **Македонците** да им се даде можност слободно и здружено да ги разгледуваат прашањата што се од интерес за нивната татковина, со тоа што ќе им обнови правото на конгрес на братствата и избор на Националниот комитет, правото на постоење **македонска младинска организација** и другите растурени организции, кои низ една заемна трпеливост и демократичност да ја изразат својата љубов и да му служат на делото на својата татковина?
2. Има ли Бугарско-југословенскиот пакт за вечно пријателство,[2047] клаузула што ги засегнува легалните појави на Македонците во името на нивната татковина и нејзиното десетлетно дело?“[2048]

1938 год. *Журнал тајмс*. „Многумина од старите **Македонци** во Медисон имаа активно учество во национално-револуционерна борба на **македонскиот народ** против угнетувачите султани. Некои од нив учествуваа и во големото Илинденско востание од 2 август 1903 година.

Македонија денес е поделена и угнетувана од трите балкански земји - Југославија, Грција и Бугарија. Постојните влади се фашистички и полуфашистички...

На **Македонците** во САД не им е дозволено да им пишуваат на своите роднини во Грција на **македонски јазик**.“[2049]

1938 год. Големата советска енциклопедија, СССР.

„**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК**...

2) Во ново време јазик на јужните Словени што живеат на територијата од **денешна Македонија**. Без оглед на значителната дијалектна разнообразност, македонските говори претставуваат единство и забележливо се разликуваат од народните говори на Тракија, Родопите, Мизија и Стара Планина...[2050]

1938 год. Мјечислав Малецки. „**Македонските особености**... имаат исто и наполно индивидуални црти кои во токму таков вид не се јавуваат во

[2046] Познат македонски патриот и активист на македонската емигарција во Бугарија.

[2047] Договор кој што е потпишан во Белград, март 1937 година.

[2048] *Документи за борбата*..., том 2: 55-56.

[2049] *The Journal Times*, 23 August; Macedonia: a true Endless Story... 2 август 2020.

[2050] *Большая советская енциклопедия*, том 37. Москава, 1938: 743-744.

ниеден од тие јазици.[2051] Повеќето од нив[2052] претставуваат индивидуален дијалектен тип (којшто може да се нарече **македонски јазик**). **Македонскиот** е премин меѓу српскиот и бугарскиот, и неговото приклучување само кон еден од тие јазици од лингвистичка гледна точка е неосновано.“[2053]

1938 год. Никола Вапцаров.[2054] „Не се прават реферати во ваков момент и суво и догматски, со теоретски однос кон еден проблем којшто ни е во крвта, мислам со богохулство. Не затоа што не треба здраво да се расчистат објективните и субјективните претпоставки, туку ми се чини нам како **Македонци** што пишуваат ни е неопходна една првична емоционална сила што ќе ни ја раздвижи крвта, ќе ни раздвижи емоцијонално многу претопени чувства, многу спомени и да нѐ врати на место на нашата предзначеност. Зашто ако последниве години **македонската револуционерна борба** тапка на едно место, ми се чини дека причината не е недостигот на теоретичност, дека не е во недостигот на теоретски однос кон прашањето, туку повеќе во недостигот на жива творечка сила...

И се случи така што настаните нѐ престигнаа, ни удрија клоца и по таа клоца, по таа вечер одвај се мачиме одново да ја сочуваме рамнотежата. Се случи така што во српска и грчка Македонија великобугарските утопии се оладуваат и јакне едно поколение инспирирано од лозунгот ’**Слободна и независна Македонија**‘. Тоа е најважната етапа од македонското прашање кое ние навреме не го забележавме и за чие преспивање носам лична и организциона одговорност. Да се бара организациона одговорност секогаш било лесно. По секоја грешка ние сме навикнале да правиме стереотипни самокритики, да прикажуваме, да пишуваме и сепак да тапкаме на место, но ако тагуваме за својата татковина, ако во нас има **капка македонска крв**, ако во нас осатнала капка благороден патриотизам, овојпат треба да се впрегнеме за да понесеме дел од одговорноста на едно дело и жестоко величие на една епоха.

[2051] Се мисли на српскиот и бугарскиот јазик.

[2052] Се мисли на македонските дијалекти.

[2053] Malecki, M. „Z zagadnien dialectolgii macedonskiej“. Roznik. *Slawistucznu*, 14. Krakow, 1938: 142.

[2054] Никола Јонков Вапцаров (1909 – 1942) е македонски писател и големо име во националната и културната историја на Македонија. Бил еден од најистакнатите членови на Македонскиот литературен кружок. Реку својата високовреднувана поезија се спротивставувал на социјаните и националните неправди во бугарската држава. За време на Втората светска војна активно се вклучил во антифашистичкото движење и при учество во една диверзантска акција бил уапсен и стрелан од бугарските власти.

Ние треба да ја познаваме македонската историја и најмногу историјата на национално-револуционерното движење: Илинден, Гоце, Даме.

Мотивите - нивната смрт и подвизите на многу непознати - треба да создададат т.н. револуционерна романтика која е составен дел од уметничкиот реализам...

Што всушност се бара од нас?

Многу мошне, многу. Најмногу од нас што сме тука собрани. **Ние сме Македонци**. И нашето творештво треба да биде во служба на македонската кауза. За многумина ќе биде тешко сè да тргне како во ’доброто старо време‘.

По мое тоа е главната причина, другото е резултат.

Се разбира дека пред една посериозна анализа би требало да се разгледа битот. Не помалку битен од него е културниот фактор кој ќе ја вклучува историјта и, главно, историјата и легендата за револуционерното движење, песни, јазик и др.

По потцртаниот шовинизам на поробувачите, кој одвраќа, отуѓува, става некаква изолациона преграда меѓу власта и поробените и создава противдејствителна сила.[2055]



Раководното јадро на Македонскиот литературен кружок. Никола Вапцаров, Михаил Сматракалев и Антон Попов (од лево на десно, првиот ред), Тодор Јанев и Кирил Николов (од лево на десно, вториот ред), Софија.

[2055] *Македонскиот литературен кружок, Софија 1938 - 1941*: *Документи* (избор, превод редакција и белешки д-р Васил Тоциновски). Скопје, 1995: 41-42.

1939 год. Антон Попов.[2056] „Постои ли **македонска нација**? Кои се нејзините елементи? Каде треба да го бараме нејзиниот почеток и породување?...

Македонија одново е објект на сметки за победа и преподелба, и спрема тоа толку повеќе се наложува изјснувањето, како по тоа прашање така и за сите други прашања од нашето национално-револуционерно движење. Притоа, прашањето за **македонската нација** доби уште поголема содржина по излегувањето на неколкуте **македонски стихозбирки** на **македонски јазик** од В. Марковски, К. Неделоковски, К. Рацин, коишто го поставија прашањето за **македонскиот литературен јазик.** И од тоа следува, **различен од другите славјански јазици по строеж и форми**.

При тие околности околу Македонија и македонското прашање восприемањето или одречувањето на идејата за **македонската нација** се отцртува како пробен камен за **Македонците** и нивната ориентација, за политичкиот пат којшто треба да се следи, затоа што тоа прашање единствено сега може да легне во основата на лозунгот за слободна и независна Македонија.“

1939 год. Виктор Аќимовиќ. Академикот на Српската академија на науките и уметностите, г-динот Никола Вулиќ, одржал говор во Белград со кој го негирал постоењето на **Македонија**. Во отвореното писмо на новинарот и македонски деец Виктор Аќимовиќ до него, меѓу останатото, пишува: „Ние на крајот господине Вулиќ, за ваше информирање и на тој елитен собир на престолничките интелектуалци, може да ви го кажеме уште и ова - никој не може да и го оспори името на **Македонија**, како што не може да се оспори името на индивидуалноста на српскиот, словенечкиот и хрватскиот и другите народи на Југославија, а за тоа самиот **македонски народ** мошне добро знае и како таков се чувствува... Според тоа г. Вулиќ, Македонија постои, а постои затоа што (што мислите?) постои и македонскиот народ, па како што гледате тој аплауз во културниот клуб во Белград бил само плескање на рачиња ’на

[2056] Антон Попов (1915 - 1942), национлен деец, поет, раскажувач, новинар, член на МЛК во Софија.

елитниот собир на престолничките интелектуалци'. Ние од **Македонија** тоа не го сторивме, туку низ револт уште и се насмеавме..."[2057]

1939 год. Коста Веселинов. „Точно од кога започна преродбенството на **македонскиот народ** може да има различни мислења. Според нас, тоа започна од 70-тите години на XVIII век. Будењето на бугарскиот народ започна со борбата против фанариотите. Така започна и **македонското будење**. Првото **преродбенско семакедонско сознание**, пред сè, мораше да се бори против духовното иго на Грците. Така, таа борба започна доста рано, за време на бугарскиот преродбеник отец Пајсиј. Во Охридско се пее следната песна:

Во хиљаду и седумстото шеесет и второ лето,
Во Охрид од Цариграда дошол Салахор,
Се претставил пред Арсенија наша патрика честнаго,
И му рекол слово горко, слово жалостно:
Царска волја е да тргнеш денеска во Цариграда,
На тебе од врли Грци силен поплак е...

(Таа песна е запишана од Г. Прличев и е составена од народот по повод наклеветувањето на охридскиот архиепископ од четирите првенци (гркомани, турски мекрети) на турската власт, заради што тој бил затворен и таму умира.)

Сижето ја третира македонската трагедија. Од неа се гледа дека **Македонците** требало да се борат против двојното турско и грчко иго. Таа изнесува еден важен факт, имено, дека **македонското преродбеништво** не започнало од Берлинскиот договор, туку од времето кога истото започнало и кај другите народи, соседи на Македонија. Фактите коишто се предмет на горната песна се потврдуваат и од книгата на Иречек, *Историја на Бугарите*. Така, на пример, тој кажува: 'Фанариотската моќ се засили уште повеќе, откако Турците, плашејќи се од Русија, започнаа да назначуваат фанариоти за кнезови'.

И двете независни словенски цркви - Пеќската и Охридската - станаа жртви на фанариотите. Во 1776 год. патријархот Самуил побара да ја укине Пеќската црква (тур. Ипекската), а потоа на 16.1.1767 год. бил принуден да се повлече и последниот автокефален охридски архиепископ Арсениј. Понатаму Иречек зборува дека тој бил однесен во заточение на негрчките острови, каде што починал.

[2057] Аћимовић, В. „Отворено писмо Николи Вулићу, академик, Београд". *Јужна стварност*. Тетово, 1.12.1939: 1; Светозаревиќ-Покорни, Б. *Тивкиот фронт на Виктор Аќимовиќ*. Академски печат. Скопје, 2019: 130-132.

Следствено, може да кажеме дека едновремено со Бугарија и Србија започна и **македонската преродба и појавата на македонското национално сознание**...“[2058]

1939 год. КПЈ. „**Македонскиот народ како нација** никојпат немал свои национални слободи. Но безбројни се обидите уште во времето на владеењето на турскиот феудализам за неговото ослободувње. Неброени се **синовите на македонскиот народ** што паднале во оваа ослободителна борба...“

Надвор од секое сомневање е дека Македонците не се една посебна нација на Балканот (ни Грци, ни Бугари, ни Срби) што го признава дури и големиот српски етнограф и географ Јован Цвијиќ ...

За жал, ниту една партија, со исклучок на комунистите, сѐ уште не го согледала **македонското национално прашање** (дури тоа не го согледуваат - или не сакаат да го согледаат раководните луѓе на ХСС). И работничката класа на Хрвтска (како и на Словенија) се должни решително да го постават тоа прашање, бидејќи и хрватскиот и словенечкиот народ имаат во **македонскиот народ** моќен сојузник против српските хегемонисти...

Нашата партија е должна меѓу Македонците, во прв ред меѓу работниците и селаните (кои овде се носители на национлноослободителната борба), да развие жилава работа против германските и италијанските агенти, а паралелно со тоа и борба за демократија и национална слобода, за братска слога со српскиот народ и со останатите народи на Југославија.“[2059]

1939 год. Леток на анонимни Македонци. „**Није, ’македонските синој‘**, одкако настанавме се бориме за тија идеали по стапките на нашите борци во миналото оти и нашата земја и нашиот народ имајат прво на човечки живот, на признане на нашата индивидуалност, култура, историја, јазик ке се шо одликува од другите народи.

Затова није денеска дигаме глас за признание на правата и на **Македонците** да и они еднаш станат домакини во својата кука; дигаме глас за рамноправије во ова земја, за вракане (ма да никогаш не сне немле - није - слобода) на народите слобода шо претстављава се заједно основните услови за мир и напредок во една држава.

[2058] Веселиновъ, К. *Възраждането на Македония и Илинденското възстание*. Национална научна библиотека „Кълбо“. София, 1939: 16-18.

[2059] *Документи за борбата...*, том 2: 156-158.

Македонскијо народ со својата револуционерна историја, со својте преку до илјада жртви е првоборец за човешки права и одамна е спечалил право да биде и тој слободен и срекен. **Македонскијо народ,** иако бил заточеник на најсветли идеали и ако је имал синој герои, како Гоце Делчев, Горче Петров, Пере Тошев, Карев, Јане Сандански и хиљади и хиљади други херои, и ако го има со крвави букви исписано во својата историја Крушевското востание, ни до денеска не је ослободен и задоволен. Денеска, пак, во моменто кога се наново разгледат сите тије нерешени впроси, кога треба да се избришат сите неправди, не смеј да се пропусне да им се на **Македонците** дадат онија права за кој тија во (со) векови борби воделе. Не треба да се затвори очите пред стварноста и затова није, излевајќи со ова писмо пред нашијат народ, во исто време излеваме пред сета јавност, а опоменуваме ги сите совести.

Македонци, сметаме да ни е должност денеска да ви речеме шо мислиме сметавме, како ваши синој да е време да ви кажеме да треба сите да бидеме чврсто сједињени за својте права и поарен човешки живот...

Македонци, селани, работници, граѓани, тоа сакавме да ви речеме, да ве потсетиме на нашето славно минало, на това, да се и денеска **Македонците** тије, који доследно кје идат по стапките на својте славни татковци и дедовци и никогаш нема да е напусна народната борба...

Македонци"[2060]

1939 год. Риста Огњановиќ-Лоноски.[2061] „Одма да кажа да Мијациве, како и сиве други племиња во Македонија, имајет две јаки осеќања: едно, да се **Славјани** и да се многу роднињe како со Србите таке и со Бугарите, а друго да не се ни Срби, ни Бугари, токо да се нешчо треќе: да се Мијаци или Брсјаци, а по теја - **Македонци**."[2062]


1939 год. Риста Огњановиќ-Лоноски. „Македонија је како некоја лична девојка за која се отимајет Срби и Бугари. Никому повеќе декламација и комплименти отколи на **Македонци**, а никому ни повеќе увреди, ни по мрва правина!

[2060] *Документи за борбата*.., том 2: 162, 164-165; АВИИ. П 17. К. 12, ф.2. 2. Штаб III Арм.области. Строгомпов. Г. 0б. Бр. 246/39, 4.1 1940.

[2061] Риста Огњановиќ-Лоноски (1870 - ?), собирач на фолклорен материјал и професор.

[2062] *Сведоштва за македонскиот*..., 307; Огњановиќ-Лоноски, Р. *Галичник и Мијаците* (приредиле: Оливера Јашар-Настева и Тодор Димитровски). Скопје, 2004: 123.

Историска судбина донесе да се видит на дело и еднијот и другијот брат, и за чудо: никаква скоро разлика. И едните и другите нè честит со увреди и пцости: ’Мајку ти бугарашку‘ или ’Мамката србоманска‘. Едните ни велит ’да вараме по три цара‘, а другите ни викајет да сме гасеници. Немајет право ни едните ни другите и многу грешите. Вистина лудни противречности!“[2063]


НАЦИОНАЛНА-НАУЧНА БИБЛИОТЕКА
„КЪЛБО“ № 2

КОСТА ВЕСЕЛИНОВЪ

ВЪЗРАЖДАНЕТО НА МАКЕДОНИЯ
И
ИЛИНДЕНСКОТО ВЪЗСТАНИЕ

1 9 3 9

Книгата на Коста Веселинов *Преродбата на Македонија и Илинденското востание*.

[2063] Истото, 307-308; Огњановиќ-Лоноски, Р. *Галичник и...,* 125.

1939 год. Коста Веселинов. „Националното ропство кое го потискаше **македонскиот народ** не беше само културно и политичко, т.е. не се состоеше само во забраната да зборуваш на мајчиниот јазик, да си ги исповедаш слободно своите религиозни убедувања, да се наречеш слободно **Македонец** итн., но тоа се состои во тоа што отсуствуваше елементарната и минималната можност за македонското население да си ги заштити своите стопански интереси, да си создаде еден посносен живот за себеси.“[2064]

1939 год. Риста Огњановиќ-Лоноски. „Ни Срби, ни Бугари пред да завладајет Турциве немале ни време ни начин и средства, ни сила да направат едно тесто: српско или бугарско. Таке си је и до ден-денешен. Овја народ денеска ни личит многу и на едни штофови сегашни со две лица.

Заре ми је доста чудно да постојит некаков страв од име Македонија и **Македонец**. **Македонец** ич не је исто шо и Бугарин! **Македонец** се делит јасно и од Србин и од Бугарин и овие и ги бројит како братучеди од вујко и од стрико.

Овакво је осеќањето, свеста и волјата на овја народ овамо и добро је овеја да го знојет и едните и другите.

Овеја да го не заборавит и нашиве славјански политичари.“*[2069]*

1939 год. Јавен обвинител во Леринско. „Јавниот обвинител на Долно Котори.. го повикува Георги Митри, жител на с. Нерет, лично да се јави во судот.. затоа што на 19 февр. 1939 во с. Нерет бил фатен од органите на полицијата да зборува со други лица на јазикот што останатите не го познаваат (словенски) и пеел на истиот јазик. Бидејќи... ќе му се суди во отсуство.

Јавен обвинител во Нерет (село во Леринско)“[2070]

1939 год. Петар Василев од Перт, Австралија.

„До уредникот,[2071]

Господине, во Вашето 17. издание објавувате извештај од едно интервју со Неговото Блаженство, архиепископот на Грчката православна црква, под наслов „Новата Грција“. Дел од неговата изјава на Неговото Блаженство е отворено прашање, посебно во оној дел кога тој вели дека нема малцинства во Грција, а исто така и дека нема расни проблеми.

[2064] Веселиновъ, К. *Възраждането на Македония и Илинденското възстание*. Национална научна библиотека „Кълбо“. София, 1939: 48.

[2069] Документи за борбата, 308; Огњановиќ-Лоноски Р. *Галичник и*..., 131.

[2070] ДАРСМ, ф. д. Влахов, К. 21, АЕ 86.

[2071] До уредникот на австралиското списание *Вест Аустралиан* од Перт.

Расата луѓе досега позната како **Македонци** денес живее под тирански јарем кој им е наметнат од грчката Влада. Со исклучок на верата мнозинството **Македонци** немаат ништо заедничко со **Грците**. Нивниот јазик е различен или, пак, бил пред угнетувањето од страна на Грците, но денес секој маж, жена или дете кој го зборува мајчиниот јазик подлежи на затворска казна. Од најмладите до најстарите се принудени да посетуваат училиште и да учат само на грчки јазик. Има многу **Македонци** што отслужуваат казна затвор само заради тоа што говореле на својот мајчин јазик. Тоа може да го потврдат стотици, ако не илјадници **Македонци** низ светот, кои побегнале за да го избегнат реализирањето на обидот да се избрише расата мирољубиви и чесни луѓе. Низ светот постојат организации што непрекинато работат на нивно ослободување од практично ропство. Како раса тие денес се горди луѓе и сите веруваат дека во некое идно време **Македонија** ќе биде ослободена од неповолната доминација на Грците..."[2072]

1939 год. Коста Веселинов. „Секој народ во епохата на своето национално оформување и ослободување раѓа и такви херои што се јавуваат како и најдобри и најценети претставници на народните борби и гледања. Така и **македонскиот народ** во епохата на своето национално оформување исфрли од својата средина еден таков национален херој - Гоце Делчев, кој целиот свој живот се бореше за слобода и независноста на Македонија и со својата крв ги цементира основите на **македонската ослободителна борба**... Централното прашање на македонското ослободително движење е имено во ова: 'Непрекинато да работиш за културното издигање и ослободување на **македонскиот народ**'. Тоа е стимулот што го тераше **Гоцета Делчев и сите македонски синови** да водат борба на живот и смрт со непријателите на Македонија, на **македонскиот народ**. На таков начин и самата борба на **Македонците** добива смисла и значење."[2073]


[2072] *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 114-115; („Грци Македонци". *Вест Аустралиан*. 21.4.1939: 16).

[2073] *Документи за борбата*..., 167-177, ДАРСМ, Скопје, А. ЦК СКЈФ. Македонија ¼.


ДОБРЕ ГАНЧЕВЪ

СПОМЕНИ

1864–1887


Първата работа на екзарха бѣ да се организиратъ църковно-училищнитѣ общини. Писаха се за това окржжни, даваха се наставления. Писмата се адресуваха до по-известнитѣ отъ преди войната лица, духовни или свѣтски. Гдето нѣма интелигентенъ свещеникъ, тамъ миряне се туряха за председатели на общинитѣ. На много мѣста българщината съ пари се откупува. Въ Скопие за председатель на българската община назначенъ бѣ отъ Екзархията Карайовевъ. Извини се, че не можелъ да напустне търговията си за народнитѣ работи. Опредѣли му се ежемесечна субсидия отъ 10 лири. Другъ

Во книгата на Добре Ганчев *Спомени 1864 - 1887* (1939) се сеќава дека „Во Македонија на многу места бугарштината се откупува со пари“ (стр. 57).

1939 год. Извештај на британски разузнувачи. „Симпатиите кон комунистичкото движење и масовност на **Македонците** во многу мала мера имале идеолошка основа. Автономијата, а не идеологијата била главниот врзувачки фактор кој ги привлекувал кон некоја од Големите Сили, без разлика дали тоа била Италија, Германија или СССР. Понекогаш економската состојба и непостоењето политичка партија која би понудила прогрес во социјалната сфера, придонесувала за масовност во поддршката на комунистичката идеологија, особено кај студентите.“ [2074]

1940 год. Коле Неделковски.[2075] Во 1940 година Коле Неделковски во писмото до синот на Крсте Мисирков, Сергеј, меѓу другото, му пишува: „Пред неколку месеци, барајќи го творештвото на најголемиот син на Македонија, се ударив во најдрагоцениот и мил момент во мојот живот... Тоа беше г-ѓата Ваша мајка, од којашто чув и разбрав за дел од животот на вистинскиот **Македонец**,

[2074] Џинго, Т. *Велика Британија* ...: 81.

[2075] Коле Неделковски (1912 - 1941), познат македонски поет и национален деец.

исто така се израдував уште повеќе кога ми кажа дека и чедото на најскапиот син на Македонија живее во мислите со коишто ги проживеал сите свои дни од својот живот неговиот татко. Навистина, судбината на великите луѓе е речиси еднаква, нивниот глас, многу чудно, не се слуша и не се оценува во времето во коешто го тргаат својот живот, тие секогаш се раѓаат многу рано и целиот лик им бидува растолкуван дури од следните поколенија. Така станувало и станува. Викот на бесмртниот **Македонец,** К. Мисирков, дури сега се разнесува над неговата мила татковина и таа, измачена веќе од борбите и соперништва на неколку народи, коишто ништо не штедеа за да ја имаат посрбена од едни, побугарени од други и погрчена од трети, но таа не се даде на никого, а си остана со својата **боја македонска**, и сега, подигната културно и економски, го подзема најдрагиот нејзин глас, го прегрнува најсветото име и со целата своја моќ го држи и го разнесува како светилник од најкрајните катчиња на својата ширина.

Па ние прокудените, каде и да се наоѓаме надвор од скапата наша татковина, се чувствуваме туѓинци и затоа не останuваме глуви на делото и идејата на Вашиот незаборавлив татко, ами го прегрнуваме тоа дело за да го изградиме со цената на најмилото. И така, далеку од татковината, ние се обединивме во едно Мак(едонско) литер(атурно) другарство, од чиешто име се осмелив да Ве замолам да ни излезете во пресрет за да нè запознаете поподробно со животот и дејноста на Вашиот покоен татко...

Препишав неколку статии од весникот *Мир* од Н(ародната) библиотека, како '**Самоопределувањето на Мак(едонците)**', **'Македонскиот национализам**', '**Мак(едонската) култура'** и др.“[2076]

1940 год. Методија Шарло Шаторов. „**Македонската народност, т.е. националност**... постои, иако не како одделна самостојна држава. Ако **Македонците** немаат своја држава за тоа тие не се виновни, туку српските, бугарските и грчките империјалисти кои се сојузија, ја заграбија, ја расцепија и ја поробија **Македонија** - наместо да ја ослободат од Турците и да ја остават самостојно да живее и да се развива... **Македонците** не сакаат за господар никого, а **сакаат да бидат самостојни...**

Македонската нација ја образуваа **македонските Славјани**, а **македонскиот народ** се сите што живеат во Македонија: **македонски Славјани**, Турци, Арнаути, Евреи, Грци, Власи, Срби...“

[2076] Ристовски, Б. *Македонски работи*. МАНУ. Скопје, 2013: 63-64.

Пред сè, **македонскиот јазик** не е и српски, ни бугарски, тој е **специфичен, македонски**. Еднаквоста на јазикот меѓу Србите и Хрватите е многу поголема отколку на српскиот народ и македонскиот. Денеска Хрватите се одделна нација и народ. Англичаните и Американците од САД зборуваат еден јазик, а се одделни и различни нации. Македонците уште немаат свој книжевен (општ) јазик, а за тоа се виновни нивните потисници кои не им даваат да зборуваат на својот мајчин јазик, а за постарите и да не зборуваме. Но и покрај сите овие пречки, **Македонците** веќе создадоа своја литература на македонски јазик. Во Југославија, како и во Бугарија, се издадени стихотворби на македонски јазик..."[2077]

1940 год. Проглас на *Истински Македонци* (леток).[2078] „БРАЌА ВЕЛЕШАНИ! Нам ни се спрема уште една 'свечаност' на гладен мев и преку целото наше катадневно гајле; бесните, ситите, угојените претставители на големосрпскиот шовинизам сакајат да отпразнуваат стогодишницата на црквата свет Пантелем.[2079]

Село се плени баба се чешла!


Ама кога знајеме оти оваја 'свеченост' се врзуе со денот на ослободувењето на Велес, јасно није на сите што се сака со ова.

Денеска кога гори цел свет, кога гинат хилади и кога гладует милиони, кога целиот наш нариод стрепи от неизвесност и се мачи за бедната прерана на својата фамилија и за издршка на државата на неговите гнетачи, денеска ситите и со сичко задоволени управитали и миропомазени дембели решила да направат уште една фалсификација на нашата историја и уште едно обирање и злоупотрбуење на нашата народна уметност.


[2077] Михајлов, М. *Методија Шаторов Шарло за македонскиот идентитет*; *Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010: 534-535; *Билтен* на ПК на КПЈ за Македонија, од 20 јули 1940, бр. 1к. 102, арх. бр. 23.

[2078] Летокот го објавиле членови на посебен одбор од претставници на неколку опозициони партии и членовите на КПЈ за Велес.

[2079] Се мисли на црквата Св. Пантелејмојн во Велес.



Летокот на *Истински Македонци* против прославата која ја организирана СПЦ во Велес, октомври 1940 год.



Проглас и програма за прославата 100-годишнината на црквата Св. Пантелејмон.

Не се прави овова случајно и без цел денеска кога целиот **македонски народ** влезује у една нова борба за своето крајно ослободуење, а денот на таја слобода не је далеку, српските јадачи и шовинисти запињајат со сета своја снага да го отдалечат тој ден и да не нас **македонците** прикажат како срби.

За таја цел напишаја цела книга, заједно со македонските предатели дека на најбезобразен начин сакајат да го турат во услуга на големосрпскијот шовинизам, уметничкијот на нашиот народ, на нашите вредни мајстори што направија набројено историски паметници, напишаја неброено живописни икони, фрески и дуборези од најстарите времиња па до денеска.

Ако србите незнајат кој ја правил таја црква, нека идат и нека прочитат што пишује на зазиданата плоча. Това је најхубав доказ.

Тија безбожни попови, владици и јадачи не давајат ни пет пари за верското чуство на народот. А за да биде безобразието уште поголемо и да дојде до плна мера нивната арамиска политика и природа, сиот мастраф за оваја провера го фрлат пак на грбот на **македонскијот народ**. Одеа као питачи по чаршија и го присилуе нашиот осиромашен чаршилија, да даде онолку колку сакаа они, за да имајат да јадат и да пијат.

Јади пиј, баламат[2080] плаќа!

Но нашиот народ треба да им каже оти не је вече балама. Као така и сег-а особено пак сега-ќе им покаже оти у денешно време не му дошло до не канети гости, и до лудо празнување, оти он има своји гајлиња и оваја и своја мисла, оти не му дошло до това да го укрепуе овој пљачкашки и угнетителен режим, но до това како да се ослободи од него. Длжноста на секој свесен велешанец и **македонец** да НЕ ЗЕМЕ участије во оваја 'свечаност'. Секој еден **македонец** што ќе биде тогај сос ниф и меѓу ниф нека знае оти ќе се есапи издајник на својо народ.

НАРОДЕ, НЕ ЗЕМАЈ УЧАСТИЈЕ СО ОВАЈА ГНСНА 'СВЕЧАНОСТ' И НЕ ИСПАЃАЈ НЕСВЕСНО ДА ИМ ПРАВИШ КАЛАБАЛК!

ДА ЖИВЕЈЕ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА!

Велес

Октомври 1940 **ИСТИНСКИ МАКЕДОНЦИ** ВЕЛЕШАНИ"[2081]

1940 год. Покраински комитет на КПЈ за Македонија. „Браќа, господа од Белград и Софија спорат за Македонија, а за тоа воопшто не се праша **македонскиот народ**. Овие поробувачи на Македонија зборуваат дека **македонскиот народ** бил српски, односно бугарски и дека **Македонците** немаат своја историја, јазик и друго. Македонските поробувачи лажат. Во суштина, **Македонците не се ни Бугари ни Срби, туку се Македонци**.

Браќа

Вие имате своја култура, јазик, своја традиција песни итн. Вие имате славна историја и минато... Илинден е најславната точка во борбата на Македонците за слобода и рамноправност."[2082]

[2080] Баламат - будала.

[2081] ДАРСМ, Скопје, ф. бр. 222, Црковен (Духовен) суд на православна митрополија. Скопје, 1919 - 1941, необработен фонд; Фиданова, С. „По повод на една народно-фронтовска акција во Велес во 1940 год." *Историја*, 1. Скопје, 1967: 72-78.

[2082] Архив на ИНИ - Скопје. Фонд - Партиски материјали, кутија 118/1940; Картов, В. *Македонскиот народ и*..., 407.

Октомври 1940 год. Коста С. Рацин. „Изучувањето на историјата, особено изучувањето на еден народ, секојпат значела за тие што се бореле за слободата и прогресот на еден народ. Затоа и се вика дека историјата била учителка на народите. Но особено таја учителка ни е потребна баш у овој важен момент на нас **Македонците** за да би могле да си го најдеме едниот вистински пат у нашата борба. Оти баш сега, у овие наши матни денови, кога на многу лесни глави им се завартуе паметот, историската наука, а Илинден има најголемо значение за нас...

Илинден го спреми и организира В.М.Р.О., таја тогај вистинска верна организација на **македонскиот народ** основана од неговите први верни синови за да го отфрли петвековниот турски јарем, тргна само по едниот верен пат на таја борба: да ослободувањето на **Македонците** да не може да стане само од самите **Македонци**. И тогај се мислеше дека слободата ќе ни ја донесе некој друг. И тогај некои клапави синови на **македонскиот народ** мислеја и се надеваја дека таја слобода ќе ни ја даде некој отаде Блгарија, Европа или некој друг, само не самиот **македонски народ**. Но неговите верни синови знаеја кој може това вистински да го стори и по кој начин и патишта това да стане. Економското состојание, народносното состојание, народните потреби и вистински револуционерни сили што се развивајат од сичко овова - ете, това беше првата стапка од која што требаше да се тргне, и от кај што тргнаја верните борци и организатори на Илинден...“[2083]

1940 год. Весник *Билтен*.[2084] „Во Скопје почна еден глас да црека, писка, танок и наметлив. Се гледа сака да го чујат и се мачи, криво му је што не го слушат. Вова је веснико ’Глас Југа‘... Тој глас е пуштен истиот ден кога дојде Цветковиќ да ни проповеда за ’Јужна Србија‘ и ’Царско Скопје‘! Пуштен јес да ги настави проповедите на преседателото Цветковиќ и патрико Гаврило, пуштен е да помогни на нивната асимилаторска политика, **да затворат очите на Македонците** за грабежот и арамилако што го прат во Македонија.“[2085]

1940 год. Весник *Билтен*.

„ПОЛОЖЕНИЕТО И НОВАТА ОПАСНОСТ ЗА МАКЕДОНИЈА

Ужасни сабитија престојат. Војната се затегна и ке продолжи уште многу време. Империјалистите от Берлин - Рим барат модус за да се погодат и

[2083] Рацин, К. С. *Значението на Илинден: Избрани дела: Проза и публицистика*, 170-172.

[2084] Весникот *Билтен* бил официјален орган на ПК КПЈ за Македонија.

[2085] *Билтен*, бр. 4, октомври 1940.

разделат колоните во Африка и да си распределат - државите и народите на Балкански полуостров. Балканските народи очекува робство от разговорите во Рим и Берлин мегју Рибентроп и Ќано.

Во Југославија положението станува от ден на ден се полошо. Покрај скапотијата и гладот, фашизираното правителство на Цветковиќ - Мачек - Поп Корошец се крепи со крвав терор и се повеке и повеке прави отступки на фашистите от Германија и Италија. Што е посакал Хитлер и Мусолини от Југославијата е се дала. Југословенството правителство се нагодува кај отворено фашистките држави. Лотиќевци от своја старана пак барат исто това што направи Антонеску и Железната гарда на Сима Хора во Романија - то се вели: полно под (...) инувајне на Југославија от осовината. Како првите така и вторите готват економско и политичко робство на народите на Југославија под јармо на осовината. За голема радос како правителството на Цветковиќ - Мачек Поп Корошец така и Лотиќевци немат апсолутен утицај во средата на македонскио народ специјално за **Македонците** постои истата опасност како за друзите народи на Југославија да станата робови на Германија и Италија но под превез на Германија и Италија. Бугарија е галеното дете на Хитлер и Мусолини. Бугарија има аспирации над Македонија и се готви да ја земи со помошта на Германија и Италија. Се праша што ќе добијат **Македонците** от едно такво сменувајне на господарите от сменувајне на империјалистите кои ја душат и ќе а душат и утре. Со преминавајне на **Македонците** под власта на цар Борис, апсолуно нема да се измени во суштина положението во Македонија. Па место српски џандари, ќе имат бугарски, на место српски порезници ќе имат бугарски итн. **Македонците** ќе бидат прследувани од бугарските власти, така како што сет денеска прследувани от српските империјалисти. Бугарските џандари не помалку умеат да псујат ’вашата мамка македонска‘.

Оти точно ново робство за **Македонците** претставуват преминването им по бугарска власт - нека послужи за пример онаја част от Македонија која е под бугарска власт - Петричко. Цели 28 години од како Петричко е во бугарски раце тој крај не е напреднал ни во едно направление. **Македонците** во Петричко исто како **Македонците** под српско сет колонија, насилието је много поголемно отколко стара Бугарија, а за права и слобода да не говориме. От го(д)ината наовамо сет истепани около 3 илјади најпредани, најверни синови на **македонскио народ** само зато зашто некеа да бидат поробенинекеа да бидат експлоатирани колонијално, а сакаја слобода и рамноправие.

Спас(...)ста за Македониа не ида само от това оти булгарската власт крепена от Хитлера и Мусолини сака да ја земи за себе си, не! Најголемата опасност оди от това, оти тргнале платени и не платени агенти на Хитлера, Мусолини и цар Бориса да убедува **Македонците** оти не требало тие да се борат, оти било бесмислено да се организира **Македонците** во сојуз со другите потиснати народи во Југославија, кога имало који да ги 'ослободи'. Нема поголемо предателство спрема Македониа и македонските интереси от ова врста агитације. Таја агитација ги остава **Македонците** на чекане на бездејствије. От такво бездејствије страдат самите **Македонци**, оти се продолжува госпотството денеска на српските потисници и завојевачи. От това бездејствие и не организираност на **Македонците** утре ќе се користат бугарските завојевачи и империјалисти - машите на Хитлера и Мусолини који држат во ропство све (...) ствени народи...

Исто така **македонскио народ** треба да не се слуша бугарските, германските, италијанските агенти и поробители и да не се надева на ниф, а машки да заработи да се организира и бори против српските потисници зајадн(о) со сите потиснати народи во Југославија за своја слобода, за своја национал(...) независимост. Само при това условие от страна на **Македонците**, условие за (бо)рба можи да се очекува помошт от Црвената армија.


КАТИЛ"[2086]

1940 год. Коста Солев Рацин. „Јазикот - тоа е голема сила на народот, на нацијата. Да му го земеш јазикот, тоа значи да му ја земеш душата, да го лишиш од неговиот национален персоналитет. И таа забрана овде, и иста таква забрана во 'бугарска' Македонија и во Грција - тоа е сè борба за душата на **македонскиот народ**, но не за тоа таа да се развие, туку да се уништи. И тука има едно фантастично совпаѓање: трите балкански буржоазии се единствени во нешто, во тоа да се одрече, потоа да се уништи **македонскиот народ како национална индивидуалност.** (...)

Само е апсурдно и неверојатно ништо да не се учи во сегашните училишта за Илинден и Крушевската Република, за Гоце Делчев и Ѓорче Петров, за Карев, Питу Гули, Јане Сандански. Во официјалната хегемонистичка буржоаска историографија нема ни збор за едно востание во кое искрвавеле десетици илјади луѓе во кое учествувале нашите татковци, чичковци, дедовци, по кое нашите мајки си создале сопствен револуционерен календар: 'детето

[2086] Весник *Билтен*, бр. 3, 30 септември 1940.

ми е родено една година по востнието‘, ’свадбата направивме една година пред востнието‘, ’бериќетот третата година по востанието беше таков и таков‘ ...



Коста Солев Рацин

Ете и историјата сакаат да ни ја скријат, да ни ја земат за да ни ја земат душата за да докажат дека сме племе без историски континуитет. Народ кој нема свое вчера, кој нема свое денес, не може да има ни свое утре. Ете, нашето вчера треба да исчезне за да се стопи нашето денес и за да се избрише секоја мисла за нашето утре. Континуитетот постои - континуитет на маки и страдања, но и континуитет на отпори, борби и еден чудовишен континуитет на национална отпорност и на народна жилавост.“[2087]

1940 год. Петта земска конференција за КПЈ. „...б) борба за рамноправност и самоопределување на **македонскиот народ** против

[2087] Миљовски, К. *Со Кочо за македонскиот јазик, нација, историја, Кочо Солев Рацин: Избрани дела: Сеќавања на современиците* (избор, редакција и предговор Перо Коробар). Скопје, том 2: 190.

угнетувањето од страна на српската буржоазија, но истовремено и упорно разобличување на италијанските и бугарските империјалисти и нивните агенти, кои, исто така, по пат на демагошки ветувања сакаат да го потиснат **македонскиот народ**...“[2088]

1940 год. Ралф Паркер, Велика Британија.[2089] „...навистина може да се каже дека 90 % од **Словените Македонци** се автономисти, на еден или на друг начин...“[2090]

1940 год. Рендел, Велика Британија.[2091] „Можно е **Македонците** да прифатат каква било ’автономна‘ македонска држава која ќе успеат да ја формираат со Големите Сили.“[2092]

1940 год. Меморандум на Министерството за надворешни работи на Велика Британија. „Во Грција **Македонците** се асимилирани и мораат себеси да се декларираат не како **Македонци**, туку како грчки граѓани.“[2093]

1940 год. Проглас на *BBC*, Велика Британија.[2094] „Денес македонскиот проблем изгуби многу од неговата претходна важност. Бугарската, југословенската и грчката влада сега сфатија дека со поттикнување на македонските елементи во рамките на нивните граници тие хранат инфекција, која доколку може да го ослаби нивниот сосед, би можела да ги зарази и нив. **Македонската политика** беше исполнета со постојани масакри и убиства. Фактички **Македонците** се дискредитирани. Освен тоа, по Балканските војни значајна промена се случи со раселувањето на македонската популација. Салоника, која беше духовен Ерусалим на цела Македонија, стана исклучиво грчки град, и во Грција, особено, **Македонците** до некој степен се асимилирани и мораат да се декларираат себеси не како **Македонци**, туку како грчки граѓани.[2095]

[2088] *Документи за борбата*..., том 2: 190. (19 – 23.10. 1940)

[2089] Британски вицеконзул во Скопје.

[2090] Џинго, Т. *Велика Британија и Балканот (1919 - 1941)*. Арс студио. Скопје, 2016: 82.

[2091] Рендел - британски дипломат во Софија.

[2092] Џинго, Т. *Велика Британија и Балканот (1919 - 1941)*. Арс студио. Скопје, 2016: 85.

[2093] Џинго, Т. *Велика Британија и Балканот (1919 - 1941)*. Арс студио. Скопје, 2016: 87.

[2094] Британска радиска корпорација.

[2095] PRO FO 371/24892 R 8302; Сведоштва за македонскиот идентитет ... 314.

1940 год. Томас, Велика Британија.[2096] „За еден лаик единствена солуција на македонскиот проблем се чини лежи во давањето еден вид автономија на Македонија во рамките на Југославија. Веројатно по војната Југословените можеби би биле подготвени да го имаат ова предвид. Но, без сомнение, таквата мерка би претставувала опасност од зголемување на апетитот на **Македонците** за целосна независност.“[2097]

1940 год. Весник *Пролетер*.[2098] „Една од основните и најважни задачи на организациите од Партијата во Македонија е тактика за создавање општ македонски национален револуцинерен фронт, кој треба да биде дел од општа борба на пролетаријатот во Југославија. Само сојузот меѓу работниците во Југославија со македонското национал-ослободително движење може да тури крај на српскиот империјализам и може да донесе слобода на сите народи: српскиот, **македонскиот** и другите потиснати народи во Југославија.“[2099]

1940 год. Штаб на Третата армиска област на Армијата на Кралството Југославија, Кралство СХС/Југославија.

Конкретниот преглед на денешната политичка ситуација на територијата од Брегалничката и Вардарската дивизиска област претставува најчуствителното место на овој извештај...

Националниот интерес, подигањето и будењето на националната свест во овие области е напуштено. Политичките партии овде уште од почетокот лошо работеле. За овие краишта би била среќа да нема политички партии. Некои меѓу нив ги собирале најпознатите елементи за рушење, така: независното лево крило на земјоделците (д-р Баздовиќ, Миричиќ, д-р Тренчевиќ, Кленковиќ, Ташковиќ и др.) со поддршка на други привржаници од Македонија смислено ја буди и шири **македонската национална свест**. Крајната цел е јасна...

Некогаш судиите не беа на висина. Некогаш овде се зборуваше дека и кај судиите турските лири го чинат своето. Денес положбата во тој поглед е добра, меѓутоа, во национален поглед е слаба. Меѓу судиите имаме помлади

[2096] Томас - британски вицеконзул во Скопје.

[2097] Џинго, Т. *Велика Британија* ...: 88.

[2098] Весникот *Пролетер* бил официјален орган на КПЈ.

[2099] Proleter, br. 9, 10, 11. Oktombar, novembar, decembar 1940: 743; *Билтен*, бр. 3. 30 септември 1940.

генерации кои веќе од 1930 година се дојдени на местото судија, меѓу нив има и носители на комунистичка идеологија, додека меѓу нив и меѓу постарите генерации има убедени идеолози на '**Велика Македонија**'. Покрај учителите, тие треба да брилираат со својата национална подобност што, за жал, не е и што им ја овозможува добиената постојаност. Како особено негативни примери ги приведувам во Скопје судијата Маневиќ, во Охрид судијата Ставре Филипчевиќ, во Кичево судијата Ѓорѓе Милоевиќ, во Тетово Спириќ...

Што побрзо одовде да се премести - барем приведениот број судии..."[2100]

1940 год. Весник *Време*, Кралство СХС/Југославија. „Уште пред војната[2101] се роди идејата за интегрално 'јужнословенство од Триглав до Варна'. На неословенските конгреси во Прага (1908) и Софија (1910) сите Југословени: Словенци, Хрвти, Бошњаци и Црногорци, а исто така и Бугари и **Македонци,** составиле една групација која негувала свои интереси кон средните Словени: Чесите, Словаците, Полјаците и кон источните Словени - Русите.

Оваа прослава имала широк одек во својот словенски печат во Америка..."[2102]

1940 год. Јосип Броз. „**Македонскиот народ** се бори за своето национално ослободување и во таа борба досега даде тешки и крвави жртви. Нему како ни на сите други угнетени народи не може никаква реакција да му ја задуши волјата за слобода, ниту да го уништи неговото право за самоопределување, правото сам да управува со својата судбина. Никакви права нема над Македонија, ни бугарската ни српската буржоазија."[2103]

„**Македонците** не се ни Срби ни Бугари, ни Грци - тие се **Македонци**. Како посебен народ имаат право на самоопределување до отцепување, имаат право на своја слобода и самостојност како и сите други народи на Балканот. Под водството на комунистите од Македонија **македонскиот народ** води борба за своите права и за својата слобода."[2104]

[2100] *Документи за борбата*..., том 2: 31-34; Архив Војноисторијског института, Београд - поп. 17, К/95 в. ф. 4, ред. бр. 4. 28.6.1940.

[2101] Се мисли на Втората светска војна.

[2102] „Двадесетгодишњица Америчко-словенског друштва". *Време*. Београд, 6.7.1943: 8.

[2103] *Политички вјесник*, бр. 20-21, 1940; Броз-Тито, Ј. *Собрани дела*, том VI. Скопје, 1970: 110.

[2104] Истото, 167.

1941 год. Весник *Искра*.[2105]

„ДО **МАКЕДОНСКИО НАРОД**

БРАЈКЈА!

Многу тешки времиња преживуеме. Влегофме во втората година от оваа втора империјалистичка војна на која крајо уште не можи да и се види. Вашите синои, татковци и мажи сет мобилизирани. Вие старци, жени, страдате од скапотиа, немашчина и глад. Црни облаци на војната сет собрани на Балканскио полуостров...

Во таквиа критични минути големосрбите и големобугарите спорат чиа е Македониа и кој треба да ја управлјава. Тоја спор се зафати по повод речите на П. Думанов[2106] во Народно собрание, кој рече оти Македониа требало да сјаи како драгоцен камен во короната на цар Бориса. Шовинистите и поробители српски му одговориа оти Македониа ќе сјаи како емаз во короната на југословенскиот крал.

Во Македониа под српско специално зафати еден талас на шовинизам от страна на српските големци. Голема и устна и печатна агитација се поведе против ослободуењето на Македониа за незиното вечно ропство. Целата големосрпска штампа, заедно со скопскио лист *Глас Југа*, чии редактори сет македонски предатели и шпиони, викнаа ’Македониа не а даваме на Бугариа, таа била српска, српска ќе остани‘ итн.

ДРАГИ БАЈКЈА!

Првото нешто, кое вие на очи е признаването от страна на српските големци оти постои Македониа. До сега секогаш си го дереа грлото оти Македониа нема, а има само ’Јужна Србиа‘, а сега признаа оти Македониа има не само во Грциа и Бугариа, ами и во Југославиа. Ама сушноста на споро мегју српските и бугарските шовинисти е кој да владеј во Македониа и кој да стрижи македонската овца.

Господата от Белград и Софиа спорат за Македониа, а македонскио народ ич не го питат. Тиа поробители на Македониа имаат тепегјозлук да зборуат оти **македонскио народ** бил српски, бил бугарски и оти **Македонците**

[2105] Орган на Покраинскиот комитет од Комунистичката партија во Македонија.

[2106] Петар Думанов - пратеник од владиното мнозинство, зборувал во бугарското Народно собрание вечерта на 21 ноември 1940 год. Во својот говор рекол дека Македонија е рубин што ѝ недостига на царската круна. Изјавата не била објавена во бугарскиот печат. Предизвикала бурни реакции во Југославија. Во врска со тоа реагирал и ЦК на КПЈ како ПК во Македонија.

немале историа, јазик и др. Македонските поробители лажат! Во сушност, **Македонците не сет нити Срби, нити Бугари** а сет **само Македонци**.

БРАЈКЈА!

Вие имате свои јазик, своја култура, свои традиции, песни и т.н. Вие имате славна историа и минало. Кирил и Методиа не беа ни Срби ни Бугари, а **македонски Славјани** који дадоа писменос и култура на сите Славјани. Новата историа на Македониа е богата со борби за национална слобода. Илинден е најславнио пункт на **Македонците** за слобода и равноправие.

Поробителите на Македониа ке се раскина да докажат оти **Македонците** биле слободни. Навистина пак во Македониа не постои слобода, а апсани, џандари, кјотеци, национално претопуење, колоинална експлоатациа, политичко ропство и бесправие. Поповите со евангеле и џандарите со камшик биат **македонскио народ** по очи, по глава да му докажат оти тој Србин. Жални големсрпски човечина!“...[2107]

1941 год. Весник *Дедо Иван*. „За што се бореле **Македонци** и за што с’га се борив.

Македонската национална свес и жељa за ослободување појавуе се прилично доцно у однос на други комшијски народи...

Ствари се развивав нормално све до момент к’да бугарски, српски и грчки чорбаџие (у почетак на ХХ век - дваесети век ствара се бурошазија на тија народи) не са увиделе да је Македонија ед’н мрсен залак, пошто има богату и плодну земњу и најарно географско положение! Прво започиња бугарска буржоазија усилену пропаганда за да побугари **македонскио народ**, па по тој грчка и српска буржоазија! И до т’га **македонски народ** единствен почнује да се дели на три дела, према утицај од коју страну доаѓа и према наду од коју страну ќе му дојде олакшица од турски јарам. Он останује фактички оној што је и бил **Македонац**, ама симпатије се делив или онакој како се народи фрљав едни на други и стварав се т’га Бугараши, Србомани и Гркомани. ...

Македонски народ је сасвим исправно устремил своју борбу још одма у почетак и добро је запазил за чиј есап се’ се прави таја поделба на три дела... Он се све повише трезни и сетује се на први борци и идеолози за Слободну Македонију - сетује се на проглас издаден од Слободну Крушевску Републику,

[2107] *Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни*, том 2, книга 2. Комунист. Скопје, 1983: 205-209; *Искра*, бр. 1. Орган на ПК од КП во Македонија, јануари, 1941, АМ, Скопје, фонд, НОБ, Весници, АК-80, фасцикла „Билтен“.

сетује се на речи Гоцета Делчевога, памети га и Питу Гулева и ред на други знанци и незнајни јунаци. И **македонски народ** разочарал се је у своја ’брак’ја ослободитељи‘, па биле они бугарски, српски или грчки империјалисти и чорбаџије, па се за тој врак’а све повише на стару и исправну идеју - Македонија на **Македонци**!

Ама с’га у овој најголем рат к’да се цела Европа наваг’а у пламен и узбуг’ене што к’е бидне јутре, не може никој ни да не помисли да не се бори за слободну Македонију сам, само сас свој народ... За тој и мија **Македонци** не можемо да останемо по крај од тија догаг’аји и да не зememo свој став... **Македонски народ** к’е бидне слободен ако у својој земњу сам бидне господар на своју судбину, ако бидне господар на плодови од своју работи...[2108]

1941 год. Анализа на бугарските окупаторски власти во Македонија, Бугарија. „Централниот дел на Македонија е срцето на Македонија каде што било и каде постојано се ширело огништето на духовните и физичките борби за ослободување на Македонија. Тука се ширела најповеќе италијанската, турската, српската, македонската и албанската пропаганда. Оттука, во тој дел на Македонија дејствувале и се појавувале најбројни и најразлични лица и организации... **Тие никојпат не пропуштаат да зборуваат за слободна Македонија и да се нарекуваат Македонци, а не и македонски Бугари, ако не Бугари**... Најдобрата пропаганда против тоа е малкуминатa учени да се однесат и да се вработаат во Бугарија. Таквите идеи за **автономна Македонија** се преплетуваат со комунистичките за **слободна Македонија**.“[2109]

1941 год. Антон Козарев, Бугарија.[2110] Во неговиот распис упатен до сите началници во окупираниот дел на Македонија дава упатство за постапување кон населението кое национално не се чувствува како бугарско и основната мисла да биде насочена да се искористи историскиот момент и да се „мобилизираа научната, физичката и духовната моќ на нацијата, која ќе биде ангажирана во неуморна денонoќна работа со цел за кусо време не само да го постигне територијалното проширување туку и духовното единство на новонацртаната граница на Бугарија. Населението во новоослободените земји

[2108] *Документи за борбата*..., том 2: 361-363.

[2109] Чакарјаневски, Ѓ. *Националниот идентитет на Македонците низ бугарските окупаторски документи во текот на Втората светска војна: Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010: 546; ДА, Софија, м.ф. 370, оп.6, а.е. 1482.

[2110] Антон Козарев бил директор на Скопската обласна дирекција од 23.4.1941 до 1.1.1942 год.

со десетлетија се наоѓало под силно влијание на завојувачите и затоа се создадени промени во неговата психа, личен и општествен морал, што се препорачува грубоста во однесувањето, која била присутна, да се изостави... се забележуваат случаи на грубо однесување спрема небугарите, честопати проследено со навреди и пцовки како ***мајката македонска*** или *мајката српска*.“[2111]

1941 год. ЦК БРП (к), Бугарија.

„Македонци!...

Ете денеска, исто онака како и порано, вие немате политичка и културна слобода.

Додека т.н. српски големци не ви даваа да се викате **Македонци** и поради тоа ве гонеа, **денеска бугарските фашисти и шовинисти со сила ве тераат да се викате македонски Бугари** и исто така ве гонат ако кажете дека сте **Македонци**. Вашите водачи и борци од минатото, како Гоце Делчев, Пере Тошев, Ѓорче Петров, Јане Сандански, Димо Х. Димов и други, ви се претставуваат како стопроцентни бугарски шовинисти и фашисти. Во сите прогласи на власта и на продадените **Македонци** борбата на Гоцета за слобода, демократија, рамноправност и самоопределување на **македонскиот народ** се спроведува со борбата што бугарските фашисти и Хитлер ја водат за освојување и грабеж. Какво одвратно осквернавување на споменот на вашите големи апостоли и какво гнасно изопачување и фалсифицирање на македонската борба за слобода!...

Ако се осмелите да се наречете **Македонци**, вас ве гонат, тепаат, не добивате служба, па дури ни пропусница. По установите не смеете да зборувате на **македонски јазик** и секој македонски разговор се обележува како србоманство. Целата **македонска историја**, култура и борби се изопачуваат од страна на бугарските фашисти и шовинисти против волјата и протестите на бугарскиот работен народ, како што до вчера тоа го правеа великосрпските шовинисти против волјата и протестите на српските работни маси и на најкултурните напредни елементи на братскиот српски народ.“[2112]

1941 год. Воен пратеник на Амбасадата на НДХ. „Внатрешната положба во делот на Македонија што ѝ припадна на Бугарија е доста нејасна.

[2111] Чакарјаневски, Ѓ. *Националниот идентитет...* : 546-547; ДАРМ, Скопје, ф. Обласна дирекција, арх. бр. 01.0128, 01, 08 (18.6.1941).

[2112] *Историска вистина*. Култура. Скопје, 1981.

Изразените **Македонци** покажуваат извесно незадоволство кон новиот режим во Бугарија. Кон нас Хрватите **Македонците** покажуваат извонредно срдечно држење.[2113]

1942 год. Коста Црнушанов, Бугарија.[2114] „Податоците што ги изнесувам во повеќето случаи се проверени лично од мене, особено што се однесува до охридската, бродската и дел од прилепската учебна околија кои што ги обиколив кон крајот на м. ноември и првата половина на м. декември 1941...

Тој народ сега е попарен; тепан е, огорчен е, разочаране. Последната посета дури ме уплаши со претерано строгата оцена што не одговара на вистината, но е речена со гнев дека бугарскиот режим не се разликува со ништо од српскиот, се протестира против дојденото чиновништво, се истакнува дека Бугарите од старите предели не ги сакаат **Македонците**, дека големиот дел од чиновништвото е корумпиран итн.

Фаќан беше секој и каде и да бил најден: дома, во кино, на улица, во кафеана и друго, дотеруван беше во участокот, а оттаму во затворот. По патот, дури беа дотерани до участакот, тие беа тепани до истоштеност и пцуени со ’мајка македонска гнасна!‘ Кој бил тепачот? Сè сами полицајци, војници и некои од началството, вклучително и бившиот полициски началник на Областа.[2115]

1942 год. Асен Богданов, Бугарија.[2116]„Кон крајот на март оваа година[2117] во градот[2118] се одржа меч за државно првенство меѓу тимовите на спортските клубови ’Левски‘ од Софија и тој на ’Македонија‘ од Скопје. Присуствуваа околу 6000 души гледачи. Дваесет минути по почетокот на играта оствреиот прв гол на играчите од ’Македонија‘ не беше признат од судијата, што предизвика препукување меѓу него и некои од играчите, а поголем дел од публиката започна да вика, надминувајќи се со навредливи изрази спрема судијата. Тоа автоматски се пренесе на целата публика која што

[2113] *Документи за борбата*..., том 2: 308; *Zbornik dokumenata I podataka o Narodnooslobodilačom ratu jugoslovenskih Naroda*, том VII, knj. 1. (dok. br. 125). Beograd, 1952: 430-431.

[2114] К. Црнушанов, училиштен инспектор на Битолската Област.

[2115] *Документи за борбата*, том 2: 313-314.

[2116] Областен полициски началник во Скопје.

[2117] Се мисли на 1942 год.

[2118] Се мисли на Скопје.

извикуваше нечовечки викања, а некои од гледачите се беа снабдиле со дрвени клопотарци и свечки што ги размавтуваа. Судијата беше принуден да го признае голот за да не се прекине играта и да ја успокои публиката. Гледачите сепак продолжуваа да дигаат врева и нанесуваат и навреди кон играчите кон 'Левски', и не беше признат од играчите на 'Македонија', мечот беше прекинат. Osверена публиката извикуваше најниски ругања кон софијанците, се слушаа викања 'мајка бугарашка', 'долу Бугарија', '**горе Македонија**'. За време на играта некои од присутните дрнкаа свонци над главите на чиновниците и другите лица што беа дојдени од старите предели[2119] додека се мајтапеа и ги навредуваа на најразлични начини и покрај нивното воздржано поведение. Таквите појави стигнаа дотаму што беа навредувани и бугарски офицери. Таквото држење на публиката беше констатирано и на првиот меч. Сепак, за време на вториот јасно се оцрта противбугарското расположение меѓу месното население[2120]. Во тие случаи средините настроени автономистички имаа целосна можност јавно да ги манифестираат своите убедувања и омразата кон сè бугарско, уште тогаш мнението на посериозните граѓани беше дека сè што беше направено во продолжение на 11 месеци за припојување на месното население[2121]дека ќе се разруши со еден замав на тој меч.“[2122]

[2119] Се мисли на лица дојдени од Бугарија.

[2120] Односно се мисли на Македонците.

[2121] Односно Македонците.

[2122] *Документарен сборник: Българското управление във Македония, 1941 - 1944*. Државна агенција архиви. София, 2011: 267. Преводот е преземен од Гоце Панговски, *Опсервер*, opserver.mk. Гоце Панговски, Епа повелете дел од таен извештај од тогашниот бугарски ОКУПАТОРИ областен полициски началник Асен Богданов, 8.6.2020.



Фудбалскиот клуб „Македонија“ од Скопје (1942), кој е прикажан во горниот документ (автор на сликата: Василије Поповиќ-Цицо, 1942 год.).

1942 год. Бугарски областен училиштен инспектор во Битола, Бугарија.[2123] „По зачестените, во летото и во почетокот на учебната година, разбојнички напади во разните планински села во Битолската Област, сум во состојба да ви соопштам, г. министре, за следното: ’Напади се случија во сите околии на Областа, но сериозен, дури застрашувачки карактер тие имаа во Крушевската Околија...

Забележително е дека во редовите на нелегалните се појавуваат предимно луѓе што биле или национално сомнителни уште од порано или се од друга националност... Во Прилепско србоманите се во голем број, но има и од здрави бугарски семејства...

Во морален однос Бугарчињата се повеќе случајни авантуристи, неранимајковци, но се случуваат и корави фанатици интелигентни мажи, студенти, дури и по некој учител.

Макар досега да не пострадал ниту еден учител, сепак разбојниците ги терале да ги напуштат селата и да си заминат во стара Бугарија, бидејќи ’нашето население не било бугарско, тие сакаат да го побугаруваат‘. Во Крушевско тие изјавиле дека Македонија си има учители кои ќе обучуваат на

[2123] Од 14.11.1942 год.

македонски и сакаат повеќе да не ги видат во селото... тоа исто било и во село Мажучишта (Прилепско), со таа разлика што тука не ги бркале да си одат, но барале од учителот и учителката да не ги учат децата на бугарски, ами на **македонски**...

Разбојниците се ракувале со селаните, држеле говори на македонско наречје против Бугарија и Германија, меѓу себе говореле цинцарски, испеале четири **песни македонски**: *Изгреј зора*, *Миле Поп Јорданов*, *На Ѓорѓија Сугарев* и уште една...

Од Битола дошла полиција, започнало испитување коешто завршило со тепачка на сите селани што се ракувале со разбојниците...

Се стигна до положбата разбојниците да бидат полоши господари на целата околија и да прават што сакаат без некој да ги гони...“[2124]

1942 год. Главен штаб на НОВ и ПО на Македонија. „Борбата која ја води **македонскиот народ** за своја слобода е антифашистичка народна борба, која уклучуват во себе антифашистичка револуција, оти окупаторите се фашистичка империјалстичка војска која је потпомагат домашните издајници... Таја борба је националноослободилачка оти во неја учествува цел народ. И тој народ со право да тој сам одлучува за своето управлјение, за својата војска и широко односите со другите народи...“[2125]

1942 год. ПК за КПЈ за Македонија. „Нов господар пашува низ Македонија, нови вериги ја кршат, гмечат и цицат снагата на **Македонецот**. Никогаш поизмачен, поиспиен, поискрвавен, никогаш поизложен на опсаност да издржи не бил македонскиот народ од денеска. Затоа **Македонците** стојат пред едно двоумие: да ќутат и така да изчезнат во мизеријата створена од нивниот враг или да го дигнат високо челото со думите: *Борба, а не смрт нечовешка*...

На милост и немилост се оставени стотици хиљади животи. Последното зрно се дига од Македонија. Стотици вагони пченица, ориз итн. се однесе во Бугарија, за блгарскиот народ него за гладните варварски хорди на Хитлера...

Исто това се збива во цела Македонија. Се осетува мирис на бунт. По цела Македонија се влнува народот. Горчливост. Миналото на Македонија, нечувена омраза према ропството, деноношниот гнет на големоблгарската

[2124] *Документи за борбата*..., том 2: 328-330.

[2125] Архив ИНИ, К. 42. арх. бр. 1609.

ботуша го покажува пато на **Македонецо** - пато на самодрицание и борчески дух.[2126]

1942 год. *Неделен весник*.

„ТРИ ХРАБРИ СИНА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД СЕ ОБЕСЕНИ.

Пред неколку дена **Македониа** наново беше завиткана во црно. Наново заплакаја **македонските мајки**. Нови јазој од солзи протекоа низ **Македониа**. Зверските бугарски бандити во името на ослободување на **Македониа** му ги ји зедава младите животи на три храбри **Македонци**.

Во Скопје, центаро на **Македонија,** се врша најголеми зверства над храбрите **Македонци**. Да би се насладувале фашистичките бандити секој ден беса, убива и претепува **македонски синој и керки**.

Македонскиот народ добро ги памти имињата на народните убијци. Дено кога тој луто ке се свети за падналите жртви не е далеку...“[2127]

1942 год. Весник *Билтен*.

„ВИЕ ПАДНАХТЕ, НО НЕ СТЕ МРТВИ. ВИЕ ЖИВЕИТЕ ВО СРЦАТА НА ЦЕЛИО **МАКЕДОНСКИ НАРОД**. ВИЕ ГОРДО ТРГНАХТЕ ПО СТАПКИТЕ НА **МАКЕДОНСКИТЕ ВОДАЧИ** ГОЦЕТА, ДАМЕТА, ВЛАХОВА И ЗАГИНАХТЕ ЗА СЛОБОДАТА НА МАКЕДОНИА. ВИЕ ГО ОСВЕТЛИВТЕ **МАКЕДОНСКОТО ИМЕ**. ВАШИОТ ПАТ Е ПАТ НА ЦЕЛИОТ **МАКЕДОНСКИ НАРОД.** ОН ИМА ДА ОДИ ПО НЕГО, ДОДЕКА МАКЕДОНИА НЕМА ДА БИДИ СЛОБОДНА. СЛАВА НА ХРАБРИТЕ **МАКЕДОНСКИ СИНОВИ**.

ПЕТАР ЃОРШИЕВ „ЧИЧО“, МАГДАЛЕНА АНТЕВА, БОРКО МЕНКОВ, ДИМЧО „ЕРЕБИЦА“, ЌИРО „МУМУРУЗНИЦА“, НАЦЕ „БУЃЕВАЦ“, ТАСЕ, ТАНЕ, ТОМКО, СПАСЕ „ТРОЈАЧАНЕЦ“, БЛАГОЈЕ „ШОВЕЛ“, ДИМЕ ПОП - АТАНАСОВ.[2128]

[2126] *Документи за борбата*..., том 2: 313-314.

[2127] „Три храбри сина на македонскио народ“. *Неделен весник*, бр. 11. 3 август 1942: 4; *Документи од НОБ*. ДАРСМ. Тетово.

[2128] Весник *Билтен*, 1-2. Јануари - февруари 1942: 4.



Поштенска картичка на македонски заробеник во германски воен логор од 1942 година. Ја адресирал на село Селце, последна пошта Крушево, земја Македонија (Makedonija), иако Македонија во тој период била под окупација на Царството Бугарија.

1942 год. Весник *Билтен*.

„**МАКЕДОНЦИ**,

Вие гледате како братскио српски народ со оружје в рака и потоци крв се бори за својата слобода и независност. Истото го прават и Црногорци, Хрвати, Словенци и други. Бугарскио народ дал хиљади жртви и ушче ги дава секои ден во борбата со немските окупатори и нивните лакеји - бугарските фашисти. Само слободен Бугарски народ може да ви помогне да си обезбедите слобода и придобиете демократски права, за кои сте дале толку скапи жертви. Денес Бугарија не е слободна и демократска, а ушче помлку Македонија. Само борбата за избркуене на герм. И итал. Окупатори от Балкано и за урнуење на нивните орадија - бугарските фашисти от власта, само борбата за народно демократско правителство во Бугарија може да доведе како бугарскиот така и **македонскио народ** до слобода, само по тој пат **Македонскио народ** ке најде најпосле своето место на слободен и независен народ во братската фамилија на сите балкански народи.

Затоа ние ве викаме на општча борба заедно со српскио и бугарскио народ против општчио враг - германски фашизам и неговите помагачи, за

самоопределуење, слобода, демократија и равнопраност на **македонскио народ**.“[2129]

1942 год. Весник *Њукасл сан*, Австралија. Под наслов „**Македонците** во востание против Бугарите“, меѓу другото, се вели: „Објавено е дека бугарска Македонија е во целосен бунт. Опсадна состојба е објавена во Скопје - поранешен утврден град во Југославија и во околната област, каде што, се вели, дека револуционерните групи го тероризираат населението. Во неколку градови се убиени бугарски официјални лица...“[2130]

1943 Проглас на ПК КПМ за Македонија. „Создавајте ја својата **Македонска** народноослободителна војска.“[2131]

1943 год. Главен Штаб на НОВ и ПО. Народноослободителната борба на **македонскиот народ** против германо-италијанските окупатори и нивните понемчени бугарски слуги која је јуначки водат **македонските народноослободителни партизански одреди** влева веке во решителна своја фаза. Никога **македонскиот народ** не е имал такви непосредни изгледи за победа за национално ослобождение и за равноправност като сега. Никога под толко вековното ропство ситуацијата за ослобождението на **македонскиот народ** не е била така јасна...[2132]

1943 год. ПК на КПЈ за Македонија. „Мирче Дончов Ацев и Страхил Пинџуров се мртви. Они не умреа како што умира секои смртен човек, ами беа на најдзверски начин мачени и претепани од Хитлеровите и Борисовите фашисти па после утепани. На колку хиљади чесни **Македонци** им се дига коста кога ќе ги види Мирчета во болничка мртвачница и во Прилеп кога го закопуваа со исечени прсти, со извадени нокти и искинато месо од коските. **Македонските мајки**, татковци и сестри виделе ногу свој синови и браќа мачени и утепани, но досега вакви дзверства и нечовечно мачење немаја видено...

Кои беа Мирче и Страшо?

[2129] Истото, 11.

[2130] *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 116-117; „Македонците во востание против Бугарите“. *Њукасл сан*. 14.9.1942: 1.

[2131] *Проглас на ПК КПМ за Македонија од 15.2.1943*. Историјски архив КПЈ. Београд, 1951: 226-227.

[2132] Чакарјаневски, Ѓ. *Главниот штаб и државноста на Македонија (1941 - 1945)*. ИНИ. Скопје, 2001, 85.

Два **македонски сина** кои вистински го сакаја својот народ и неговата срекја и слобода. Тоа бева синови на чесни македонски фамили кои во борбата на **македонскиот народ** дадова по неколку свои чеда...

Мирче и Страшо верно и искрено одеа по патот на **македонските апостоли Гоцета и Дамета** и со целиот жар и интузијазам на своите млади и искрени души се бореа за слободата на **македонскиот народ**...[2133]

1942 год. ЦК на КПГ, Грција.[2134] „Нашата партија треба да ја развие сета своја активност за да ги поучи националните малцинства и специјално **словеногласните Македонци** да не бидат поведени од омразата поради националното угнетување од грчките капиталисти и сегашната демагогија на окупаторите, а особено на бугарскиот империјализам и шовинизам кој е сателит на Хитлер и Мусолини, ами да се вклучат во народноослободителната борба на грчкиот, српскиот и бугарскиот народ... за нивната **национална** и социјална слобода.[2135]

1943 год. Поверенство на ГШ на НОВ и ПО на Македонија.[2136] „Славни се страниците што ги пишат храбрите народни **борци - македонски партизани** во вооружената народноослободителна борба на нашиот народ. Прав и пепел стана лажливата пропаганда на фашистичките окупатори и нивните слуги - македонските издајници оли **македонските партизани** се ’српски четници‘, ’комунистички банди‘ и ’разбојници‘. **Македонските партизани** на дело докажаја противното. Сиот **македонски народ** од градот и селото се увери оти се народни борци, **борци за слободна Македонија**, заштитници, осветници и ослободители. Со својата праведна борба, смеслост и пожртвованост партизаните ги спечалија симаптијите и љубовта на својот народ...

Македонските партизани ги очистија селата од теророт и грабежот на бугарската окупаторска власт, полиција и војска, и ослободија селаните од шпиуните и слугите на окупаторите...

Жртвите се тешки, но не омалодушуваат ами терат напред за одмазда и победа. Еден татко на убиен младинец на поменот јасно и громко извикал: ’Не е време и нема фајде да плачеме, свет, ние треба да му отмастиме на непријателот, и ќе му отмастиме!‘

[2133] *Документи за борбата*..., том 2: 330-331

[2134] Централен комитет на Комунистичката партија на Грција.

[2135] *Документи за борбата*..., том 2: 361-363.

[2136] Од 2.9.1943 год.

Тоа е клетва на секој **Македонец**, патриот, на сиот народ! ЌЕ ОТМАСТИМЕ!“[2137]

1943 год. Главен штаб на НОВ и ПОМ.[2138] „Посебно прашање претставува новата парола што ја истакнуваме, а тоа е **обединувањето на Македонија**, Македонија што е распарчена и поделена меѓу балканските империјалисти. Ние денес треба да го собереме целиот **македонски народ**, без оглед дали до вчера некој бил бугарофил, гркоман или србоман во борбата против фашистичките окупатори и против сите империјалистички клики на Балканот. Здружените сили на националноослободителните војски на сите балкански земји ќе ја уништат секоја империјалистичка клика и ќе создадат братски сојуз на балканските народи. Во тој братски сојуз **македонскиот народ** ќе го постигне своето обединување и рамноправност со сите други балкански народи. Но затоа треба да го собереме целиот **македонски народ** околу нашето националноослободително движење и да создадеме фронт заедно со сите балкански народи во борбата против фашистичките окупатори и нивните слуги.“[2139]

1943 год. Манифест на ГШ на НОВ и ПО на Македонија.

„МАНИФЕСТ

Македонски народе! **Македонци и Македонки**! Браќа и сестри на нашата поробена ама никогаш непокорена татковина!...

БРАЌА И СЕСТРИ **МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ**!

За првпат во нашата славна историја денес имаме своја народна војска. За првпат нашата млада војска жние победа по победа. Ние идеме спрема лице на новите големи борби. Се работи за судбината на нашата земња. Бие последниот час. Ве викаме вас, синови и ќерки на **македонскиот народ** да се сплотиме во борбените редови на нашата Народно-ослободителна војска на Македонија. ...

[2137] *Документи за борбата*..., том 2: 332-334.

[2138] Во октомври 1943 година Главниот штаб на НОВ и ПОМ објави Манифест со платформа за ослободување и обединување на Македонија.

[2139] Фиданова, С. „Прилог кон прашањето за националното ослободување и обединување на македонскиот народ во документите на партиското раководство на КПМ во текот на народноослободителното движење“. *Историја*, 2. Скопје, 1970: 15-49; „Манифест на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија од почетокот на октомври 1943 година“. *ИА КПЈ*, том 7: 257-261.

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ! **МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ**!

За прв пат нашата млада војска жние победа по победа. Ние идеме спрема лице на новите големи борби. Се работи за судбината на нашата земња. Бие последниот час. Ве викаме вас, синови и ќерки на **македонскиот народ** да се сплотиме во борбените редови на нашата Народно-ослободителна војска на Македонија...

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ! **МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ**!

Фашиските империјалисти со големобугарските, големсрпските и големогрчките хегемонисти ја раскинаа нашата татковина и ја превртеа во ситна пара за поткусурување на своите империјалистички интереси...

Денес сите балкански народи са едно во борбата за создавање еден братски федеративен сојуз на балканските народи на база на полна национална рамноправност и признавање на правата за самоопределување на народите. Никогаш досега, македонски народе, не си имал толку убаво положение и толку многу сојузници за да ти се исполни твојот вековен идеал - соединение на Македонија... Затоа треба да создадеме заедно фронт со сите балкански народи во борба против фашиските окупатори и против секој империјализам на Балканот.[2140]

1943 год. Приговор на група членови на АНОК на Манифестот на ГШ.[2141]

„До главниот штаб на Мак(едонската) нар(одно) осв(ободителна) војска и П.О. ...

Драги другари,

Манифестот испратен од Вас, до **македонскиот народ**, исполни со радост и гордост срцата на сите чесни **Македонци** поради следните два факта: 1) образоването на **македонското народно-освободителна војска** и 2) формирањето на раководството на таја војска - нејниот Главен штаб...

Манифестот, гледан во таја светлина, е акт от историческо значение, наред со манифестот на Крушевската Република и Уставот на Натрешната македонска револјуциона организација на Гоце, Даме, Гјорче Петров и Пере Тошев, којто требе да начертае принципите и задачите на Македонската народно-ослободителна борба, имајќи пред вид миналото на нашиот народ,


[2140] *Документи за борбата...*, том 2: 406-410.

[2141] 9.12.1943.

неговите идеали - национално обединение, на базата на братството на балканските народи - гледано во конкретната воено-политическа обстановка.

Бидејќи акт од такво големо значение, манифестот предизвика коментари во сите краишта на Македонија. Секој што политически мисли си даде мнението по него. Па акциониот комитет на народно-освободителната борба на Македонија и 8-те души од повиканите во македонското Народно собрание, синтетизирајќи ги различните забелешки по манифестот, сметава за своја должност да ги изнесат пред Штабот најосновните забелешки со цел да се обрнат внимание на Штабот, којто денеска единствено одговорен за правилното и неправилно поставување и објаснување на народно-ослободителната борба и со цел да допринесат за целостното мобилизиране на **македонскиот народ** во денешната гигантска бораба...“[2142]


1943 год. Командант на германските воени сили во Струга, Германија. „Се обраќал до командантот на Втората бригада на **националната македонска ослободителна армија.“**[2143]


Kommandant von Struga O. U., den 5. 11. 1943. 368

An den
Kommandanten II. Brigade
der national-mecedonischen Freiheitsarmee

[2142] *Документи за борбата*..., том 2: 415-422.

[2143] ДАРСМ, ф. 273, Група батаљони, инв. бр. 368, 5.11.1943.



Kommandant von Struga O. U., den 5. 11. 1943. 368

An den
Kommandanten II. Brigade
der national-mecedonischen Freiheitsarmee

Ich bestätige den Eingang Ihres Schreibens v. 3. d. M. am 4. d. M. um 16.20 Uhr.

Zu dem Inhalt Ihres Schreibens teile ich Ihnen mit, daß das Kommando mit dem Vorschlag eines Austausches der Gefangenen sich grundsätzlich einverstanden erklärt. Sobald die Anzahl gefangener macedonischer Kämpfer in Struga eingetroffen ist, erfolgt an Sie umgehend Nachricht.

Ich hoffe, daß dies in der von Ihnen angegebenen Zeit sich ermöglichen läßt. Von Seiten des hiesigen Kommandos wird alles getan werden, um die Angelegenheit so rasch wie möglich zu erledigen.

Da sich bei den deutschen Gefangenen ein Verwundeter befindet, der ohne ärztlicher Pflege wohl weiteren ernstlichen Schaden erleiden könnte, bittet das Kommando, diesen so rasch wie möglich hieher auszuliefern.

Ich sehe einer zusagenden Antwort entgegen.

Oberst und Kommandant.

1943 год. Британска воена мисија *Хакторп*, Велика Британија.[2144]

„12) И покрај тоа што Бугарите одвреме-навреме преземаат потери спрема **Македонците**, имам впечаток дека ова единствено се прави безволно и под притисок на Германците. Нашиот британски офицер за врска ќе најде погоден терен.“[2145]

1943 год. Помошник областен директор во Битола, Бугарија. Извештај до началникот на државната безбедност при Дирекциајта на полицијата во Софија: „Првата македонско-косовска бригада се состои од 250-300 души. По народност бригадата се состои од Црногорци, **Македонци**, Албанци, Срби од Косово, Словенци и 30 души руски заробеници, избегани од германските логори во Битола.“[2146]

1943 год. Отечествен фронт на Бугарија, Бугарија. „За време на турското ропство Бугарите и **Македонците** воделе заедничка борба за ослободување. По создавањето на слободната бугарска држава, судбината на поробената Македонија секогаш била блиска до срцето на **македонскиот народ** и тој дал драгоцен придонес во нејзиното ослободување. Меѓутоа, како

[2144] Од 7.4.1943 год.

[2145] PRO HS5/886; *Сведошшва*..., 329.

[2146] Чакарјаневски, Ѓ. *Националниот идентитет*... : 550-551; ДАРМ, Скопје, ф. Битолска обласна дирекција, арх. бр. 1.129, 01.041.

самостојната борба на тоа население и така и војните што се воделе за негово ослободување, не ја подобрија само ја влошија судбината на Македонија и Одринско. А тоа се случи затоа што малите балкански државички во своето соперништво и поради слепотијата на своите раководители го напуштија здравиот пат, патот кој водеше кон слободна и независна Македонија..."[2147]


1943 год. Атанас И. Пеев, Бугарија.[2148] „Многумина од членовите на организацијата 'Илинден' ја носат значката со две лица, на едната на која е напишано 'Илинден', на другата 'Независна Македонија, за неа се бориме за неа умираме'.

Тие значки се стари од пред војната, но прават забуна меѓу населението од областа... повикајте го претседателот на организацијата 'Илинден' во вашиот град дека е наредено од централата во Софија дека ќе снабдени со нови значки без натписот 'Независна Македонија' и бара истите такви стари да бидат собрани и испратени за замена во Софија..."[2149]

[2147] Петрановић - Зечевић, *Југославија 1918 - 1984*. Београд: 550-551; Barker, E. *Macedonia: Its Place in Balkan Power Politics*. Royal Institute ad International Affairs. London, 1950: 97. *Единствено спасоносно решение е целосна, слободна и независна Македонија: Декларација на Отечественият фрон на Бугарија*. Бугарија, декември 1943.

[2148] Началник на Битолското окружно начелство.

[2149] ДАРМ, Скопје, 1.129.1.10/12.



Наредба на началникот на Битолското окружно начелство за забрана за носење на значката „Независна Македонија - за неа се бориме, за неа умираме“, којашто ја носеле низ градот „многумина од членовите на организацијата Илинден“.

1943 год. Весник *Борба*, Југославија.[2150] Излагање на Љубинка Милосављевиќ на Антифашистичкиот конгрес на југословенската младина, на којшто, меѓу другото истакнала: „Младата генерација на нашата земја, утрешнината на Југославија, да биде таква земја во која ќе бидат загарантирани најшироките демократски слободи и права, во која независно и братски ќе живеат Срби, Хрвати, Словенци, Црногорци, **Македонци**, муслимани и сите други...“[2151]

1943 год. АВНОЈ, Кралство СХС/Југославија. „...6) Народноослободителното движење во целост ги признава националните права на Хрватите, Словенците, Србите, како и на **Македонците**, Црногорците и другите.“[2152]

[2150] Весникот *Борба* излегувал од печат и за време на Втората светска војна како орган на КПЈ.

[2151] *Borba*, br. 33. 3.1.1943: 2.

[2152] *Документи за борбата*..., том 2: 394.

1944 год. Нада Антевска.[2153]

„МИЛИ МОЈИ

Појде баеги време а од вас не добив никаков абер. Ја ви пишав две писма а од вас не добив одговор. Това ме згајли многу...

Денешнава ситуација је такваа и бара да ги уложиме сите сили како би го до крај дотепале фашизмот. Црвената армија ги брка германските војски од совјетската земја и влезе во Пољска, Румунија и Чехословачка. Ангија и Америка стално вршат бомбардовање на фабрики, касарни магации за оружје и друго. Исто така не му дава мир на Хитлера и поробениот народ. Сегде се слава југословенските партизани којшто и нашиве се во тој состав. Денеска ние имаме војска, војска коа је страв и трепет не саде за џемовци али и за Германци. До пред извесно време не смееше да се знае и големо-србите ни забранија да се кажеме **Македонци**...

Формирана је и влада во која е и познатиот борец од Македонија Димитар Влахов. Со све ова им се побркаја планојте на дражичевците да може да се врати стариот југословенски режим кој сами го знаефте каков беше, исто така и на сите тије кој сакаја да не побугарча, денеска нашиот народ не може така лесно да се заведува од овја империјалисти ка понапре..."[2154]

1944 год. Методија Андонов-Ченто.[2155]

„ДО СИТЕ НАРОДО-ОСЛОБОДИТЕЛНИ ОДБОРИ ВО МАКЕДОНИЈА.

Целото слободолубиво напредно човечество води денеска борба... против среновековнио мрак, робството и тиранијата против германскио фашизам и сите негови помагачи... Зато денеска поробените од фашизмо европејски народи се придружуват на фронтот на слободољубивите народи на чело со Сов. Сојуз, најголемата славјанска земја со својте сојузници Англија и Америка. На тој начин и пред **македонскиот народ** се постави прашајнето на кој фронт да се придружи. Дали на фронтот на слободољубивите народи или на фронтот на нај-црната средновековна реакција.

[2153] ДАРСМ Тетово, Писмо на партизанката Нада Антеска од Тетово, сестра на прославениот првоборец Иљо Антески-Смок, кое го напишала до своето семејство на 21.5.1944 год., необработен фонд.

[2154] ДАРСМ Тетово, НОБ (варија), необработен фонд.

[2155] Во тој период бил претседател на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ.

Некој издајници на **македонскио народ** се опитаја после разгромот на Југославија да го впрегнат нашио народ во фашистичка кола на Хитлерова Германија...

Но **македонскио народ** не тргна по патот по кој сакаја да го воведат тије издајници, слуги на германо-бугарските окупатори во Македонија. Не тргна за то што се увери на дело во течениje на овиje три години оти германо-бугарските окупатори и нивните слуги на брза рака побугарени македонци му донесоја најцрно средновековно робство и тиранија. Тије направија пустелија во нашата татковина. Тије извршија безброј грозни убиства и колежи над невиното населениje, мажи, жени и деца низ целата наша татковина. Тије потпалија безброј села во Македонија. Тије ги наполнија затворите и логорите со млада челад на **македонскио народ**...

Во текот на сегашната војна **македонскио народ** јасно виде кој му е непријател и кој му е пријател..."[2156]

1944 год. Панко Брашнаров. Говор на П. Брашнаров, претседавач на АСНОМ: „Другарици и другари народни претставители,

Во овој момент, во ова историско место (Св. Прохор Пчински) и на овој исторически ден Илинден, кога објавувам да е отворено Првото антифашистичко собрание на народното ослободуване на Македонија, душата ми е преполна со радост и пред премрежините очи гледам како се раздвижиле сите реки од Пчиња и Вардар до Места и Бистрица, за плукујат е целата македонска земја, сакајки да измијат од **македонскиот народ** десетвековниот ропски срам - од пропаста на самоиловата држава за да се роди денеска нова, светла и слободна македонската држава.

Во овој момент прста на нашите покојници - многобројни народни герои паднали и посејали коските си по цела Македонија, им стануе полека и они во мир векје гледат изгревот на нашата слобода, гледат идеалната дрижба на старите илинденци - на Г. Делчев и на денешните Илинденци - младата борческа **македонска војска** и поставените темели за остварението на идеалот на две поколенија, на две епохи - слободна, обединена Македонија.

Во знак на почита спрема падналите јунаци ја ве поканувам да им изразиме со еден минут молчение на нашата вечна, бескрајна призна-телност... Вечна слава на падналите герои за слободата на Македонија.

[2156] *Писмо од Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ: Македонски архивист, АСНОМ 1944 - 1984*. Скопје, 1984: 21-23.

Другари народни претставители,

Жив сум свидетел на два Илиндени - 1903 и 1944 година. Во мојте спомени се нижат безброј моменти за Илинденската народна епопеја и Крушевската Република. Бескрајни беја напорите на вооруженият **македонски народ**, огромна беше желјата му за свобода, борбата го дари со свободна Крушевска Република, но, разјарениот башибозук и турската регуларна војска се нафрлија и го затрупаја оазисот на свободна Македонија - Крушевската Република, потушија востанието и го стегнаја искрвавениот **македонски народ** во ново робство.

Животниот извор на слободата не секна. Македонија е земја, ропствата се менија, но борбата на **македонскиот народ** не престана. Кога сите поробени народи во Југославија против денешниот непријател на целото човештво - фашизмот, и **македонскиот народ** се нареди во таја борба. Тој во неја виде возможност да помогне обштата на сите поробени народи и целото слободољубиво човечество и да оствари својот вековен национален идеал.

И ете, како резултат на тригодишна крвава борба **македонскиот народ** е врза судбината своја со судбината на сите југословенски народи, помогна со крв и борба да се дојди до нова, братска, демократска и федеративна Југославија, а денеска, на вториот славен Илинден, последен Илинден во ропска Македонија, става темелите на **македонската држава**, во која се обедуини и заживее нашиот народ онаков срекјен живот, како го заслужува по својите претрпени робски маки и петвековни борби.

Да е жива нашата мила македонска федерална држава.

Да жива Федеративна Демократска Југославија, заеднички покрив на братските јужнославјански народи.[2157]

1944 год.[2158] Методија Андонов Ченто. „**Македонскиот народ** е исправен пред судбоносно сабите. Тој се најдува пред свикувајнето на првото од својата историја Народно собрание, тој симбол на народниот суверенитет и **национална слобода**, спечален со тешки борби и неброени жртви...“[2159]

[2157] ДАРМ, Скопје, фонд АСНОМ, 1.157. 1.10/44-47; „Говор на Панко Брашнаров по повод отворањето на Првото заседание на АСНОМ, 2.8.1944 година, манастир Св. Прохор Пчињски“ (транскрипција - ракопис). *Државен архив на Република Македонија (1951 - 2016)*. Скопје, 2016: 47.

[2158] Април 1944 год.

[2159] *Зборник на документи од Антифашисичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ)*. Скопје, 1964: 143, 144, 152.

1944 год.[2160] **Прво заседание на АСНОМ**. „Илинден 1944 година на **македонскиот народ** е ден кога он објави на целиот свет оти резултатите од тешката и крвава тригодишна борба се крунисани со успех. На Илинден 1944 година се одржа Првото заседание на АСНОМ кое кажа на пријатели и непријатели дека оно има едино право да говори од името на **македонскиот народ** и да е едини изразител на неговија суверенитет...

Во оваја книшка ги испраќаме историските решенија на Првото заседание на АСНОМ од која секој ќе види оти тие претставуваат кулминационата точка во денешната борба на **македонскиот народ**. Од Илинден почнуе нова епоха во историјата на нашиот народ, епоха на слобода, напредок и културно изградување.[2161]

1944 год. Манифест на Првото заседание на АСНОМ.

„**Македонски народе**,

Во дните на најголемите световни сатресенија, во времето на најкрвавата борба на **македонскиот народ**, твоето прво Народно собрание израсна од крвта и животите на најарните свои синови, во твое име излегува пред лицето на цел свет да каже на пријатели и душмани, на сојузници и окупатори, на блиски и далечни, оти **македонскиот народ** е решен да заживее слободен живот и оти никаква сила на светот не може да му застане на неговиот пат кон полна национална слобода...

Македонски народе,

Овија исторически печалби кои ти ги оповестува твоето прво Народно собрание не се ни случајни ни аризани. Тиа се плод од реки пролеани крв и од купишта коски посејани од едниот до другиот крај на Македонија. Во петвековното ропство разни поробувачи е грабеа твојата земја и го поробуваја твојот народ. Единото средство које не можеше да ти биде ограбено беше борбата. Таја остана најсилното оружје во твоите раце и ти помогна да не бидеш збрисан како народ.

Во следнте денови на Илинденското востание и Крушевската Република, ти разбра колкава е силината на това оружие. Илинденското востание откри пред цел свет колку е тврда твојата решеност да не бидиш роб на никого, ами да заживееш како слободен народ. Илинденската епопеја ти

[2160] 2.8.1944 год.

[2161] *Зборник на документи*..., 183.

покажа тебе и колко е силна твојата тупаница кога се подигна за извојување на слободата. И токму таква сила ги заплаши твојте скриени и отворени душмани - империјалистите од твојте комшиски држави. Уплашени од твојата борбена сплотеност, тије се опитаја со својата отровна пропаганда да те разединат за да полесно те поробат. И благодарение на предатели и изменици во твоите редови ти ја дочека решителната 1912 год. разединет, неорганизиран и твојата земја бидува разделена меѓу империјалистичките грабители. Во 1919 год. се повторува срамната делба на Македонија и ти не куртули од јаремот на ропството.

Македонски народе,

Впрегнат во невидено економско ропство, одречен како народ, обесправен политички, заостанал просветно, ти беше пред 23-годишниот живот под великосрбското ропство доведен до положение на колонијален народ. Србизирањето стана национално гесло.. Това што те одржа за тие тежки години, това беше твојата борба против великосрбските грабачи и нивните македонски измеќари. Во таја борба ти проглеа и узреа политички, во неја ти си ги најде својте, најдобри сојузници. Това беа другите поробени народи на Југославија. Това беше и братскиот српски народ зад чије име се криеја поробувачите од белградската чаршија...

Македонски народе,

Со подлиот напад на германо-фашистичките империјалисти во 1941 год. Југославија била прегазена, а Македонија за четврти пат во 30 години, поделена меѓу фашиситчките јатаци на Хитлера.

Под великобугарската окупација настанаја најтешките години на **македонскиот народ**...

Грабежот зема невидени до тогај размери, македонското селско стопанство бива исцело ставено во услуга на Хитлерова германија... Целото македонско стопанство беше подложиво на најбесрамен грабеж... **македонскиот народ** потона во дотогај невидена беда...

Крвожедниот фашиски окупатор тргна кон физичко истребување на **македонскиот народ**. Модерните Хуни ги надминаја во крволочноста најсуровите турски катили…

Тргајќи од животните интереси на **македонскиот народ**, од неговите заеднички борби од другите народи во Југославија против големо-српската хегемонија и од скапите жертви дадени против заедничкиот фашиски окупатор, првото **македонско народно собрание** изјавува во твое име

МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВЛЕГУВА КАКО НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДЕН И РАМНОПРАВЕН ЧЛЕН ВО НОВА, ДЕМОКРАТСКА И ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА, на принципите на установени на II заседание на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија (АВНОЈ), на кое му се признаја правата на национална слобода. Со това **македонскиот народ** станува градител на нова Југославија...

Тргвајќи од вековните идеали на **македонскиот народ**, првото македонско Народно собрание го прокламира пред цел свет своето праведно и неостапно сакање ЗА ОБЕДИНЕНИЕ НА ЦЕЛИОТ **МАКЕДОНСКИ НАРОД** на принципите на правото за само-определување. Со това ќе се тури крај на робството на **македонскиот народ** во сите негови делови и ќе се создадат условија за искрена солидарност и мир между балканските народи...

Борејчи се за слободата на **македонскиот народ**, првото македонско Народно собрание ги ПРОКЛАМИРА ПРАВАТА НА ПОЛНА СЛОБОДА И РАВНОПРАВНОСТ НА СИТЕ НАРОДНОСТИ ВО МАКЕДОНИЈА...“[2162]


1944 год. Димитар Влахов.[2163] „Веќе двапати, господине премиере,[2164] давате јавна изјава што се однесува на проширувањето на грчката територија на север, со поттекст за обезбедување грчка безбедност. Бидејќи грчките граници на север се населени со **Македонци**, сметам дека е моја должност да го истакнам следново: Вардарска Македонија, која е рамноправен член на новата федеративна Југославија исто како и Пиринска Македонија, која ќе биде член на новата демократска Бугарија, не ја загрозуваат грчката независност и интегритет; напротив, тие им подаваат братска рака за соработка на сите мирољубиви демократски земји. Населението на Пиринска Македонија, која ја изрази својата желба да се обедини со своите браќа во федеративна Југославија, никогаш не ја загрозувало безбедноста на Егејска Македонија... Јас морам отворено да истакнам, господине премиере, дека **Македонците** од Вардарска, од Егејска и од Пиринска Македонија кои најактивно учествуваа во борбата против фашизмот, што е докажано со пролеаната крв на најдобрите синови и ќерки на **македонскиот народ**, не само што никогаш никому нема да дозволат да ја загрози нивната слобода, туку, исто така, ќе ја бранат слободата и независноста на секој народ во новата федеративна Југославија; како што и народите на федеративна Југославија ќе

[2162] *Документи за борбата*..., том 2: 604-609; *Зборник на документи од*..., 259-270.

[2163] 24.11.1944 год.

[2164] Писмото било упатено на грчкиот премиер.

ги бранат границите на Македонија од секој агресор од која било земја. Вашата изјава остава лош впечаток кај сите **Македонци**. Во името на **македонскиот народ**, чиј претставник сум, и јас остро протестирам против вашата изјава која има империјалистички карактер и која ја сетам за апсолутно неоснована. Во исто време, протестирам против гонењето и истребувањето на македонските антифашисти во Егејска Македонија од страна на органите на грчката Влада за нивната борба против германската окупација и нивната желба да зборуваат македонски и да уживаат национални права и слободи.“[2165]


БИБЛИОТЕКА „МАКЕДОНИЯ“

№ 1

АНГЕЛЪ ДИНЕВЪ

ЕТНОГРАФСКАТА ИДЕЯ
НА
МАКЕДОНСКИТѢ СЛАВЯНИ

СОФИЯ
1944

Брошурата на Ангел Динев во која прави историски пресек на развојот за етнографската идеја на Македонците и во која ја открива конструкцијата на великобугарската владеачка пропаганда преку „побугарените Македонци“ и „Македонскиот научен институт“ да се побугаруваат Македонците.

[2165] *Сведоштва*..., 349-350; PRO WO 202/12894.

1944 год. Ангел Динев. „Во 1925 год. Мисирков напиша друга статија под наслов ’**Македонски национализам**‘. По повод таа сатија ќе биде нападнат од официозот *Свободна реч*, орган на Владата Александар Цанков. Мисирков одговори во весникот *Мир* бр. 1428 од 1925 год. со статија ’**Самоопределувањето на Македонците**‘.

Статиите ’Македонски национализам‘ и ’Самоопределувањето на Македонците‘ беа пробен балон за да се види како ќе реагираат властодршците. По тоа прашање се покажаа мошне чувствителни. Во Софија прашањето на етничката припадност на **Македонците** е разрешено во ’позитивна‘ смисла: Македонците се Бугари, така како во Атина - Македонците се Елини, така како во Белград - Македонците се Срби. Бугарските, српските и грчките научници, сите според своите империјалистички и шовинистички достигнувања, ја распнаа македонската етничка припадност на крст со материјали искористени од својата империјалистичка политика за завладување на Македонија.

Во епохата на капитализмот и империјализам се собираат податоци за фалсификување на историјата на еден поробен народ. И претендентите на Македонија ги собираа на свои начини и за своја потреба. По статиите на Мисирков настапи едно споредбено затишје. На Мисирков му влијаеја повеќе да не го поставува тоа прашање. Теророт во Бугарија во тие години, вршен од побугарените, го симна тоа прашање од политичката сцена. Побугарените „предавници“ имаа слобода на дејствување за фалсификување на историските факти и секој, којшто смееше да се обрати, беше застрелан среде бел ден. За фалсификувањето на македонските вистини се организираа два института - ’Македонскиот национален комитет‘ *и* ’Македонскиот научен институт‘. И на тој начин, преку тие институти, се оформи т.н. великобугарска средина од македонско потекло во Бугарија којашто го присвои правото да служи на чисто империјалистичката политика на бугарската држава. Тој ’великобугаризам‘ во македонско-емигрантската средина се оформи како некоја национална стража, како што самите тие великобугари - Македонци, самите се изразуваа во јавните настапи и закани меѓу интелигенцијата на народот. Таа престапничка средина преку тие два института издаде голем број книгичиња на штета на македонското национално преродбенско дело, на штета на македонските политички и културни вистини.[2166] Дејствувајќи со различни

[2166] Подвлечено од А. Динев.

средства и во различни насоки, луѓето на Националниот комитет и Македонскиот научен институт го компромитираа македонското име во Бугарија и во странство и ја исправија бугарската држава пред 'дефиницијата на агресор'. Луѓето од тие два института си ги определија посебните улоги: едните станаа револуционери-професионалци, другите за трговци-експлоататори, а третите за интелектуалци-фалсификатори, со специјална задача да даваат тон на бугарската политичка мисла и да наложуваат на емиграцијата бугарско и великобугарско сознание. Таа престапничка средина имаше неограничено право да дели правосудие, како во пределите на Македонија под бугарска власт така и во пределите на Бугарија. И поради тоа и убиствата се вршеа непречено и без казнување.

Великобугаризмот се зацврсти, главно, во таа престапничка средина. И преку таа средина тој изврши серија на политички престапи, преку коишто ја зацврсти политиката на војна за завладување на Македонија.

Но македонската емиграција и револуционерните дејци во местата низ Бугарија не го изгубија своето борбено сознание и го откриј теророт на просечноста која се појави преку Институтот. Ако требаше нешто да се каже против тие два института за да се сопре сеењето на лагите, тоа требаше најпрвин да се нападне миропомазаниот вдахнувач на таа целокупна лажовна книжнина - духовниот водач на 'просечноста' на професорот, академик Л. Милетич, којшто беше незаменливиот претседател на Македонскиот научен институт. Прв којшто фрли светлина врз лажливата дејност на 'просечноста' и ги разобличи бувовите на М.Н.И. беше **македонскиот научник** Г. Д. Баласчев, којшто предизвикан по еден повод ја издаде брошурата *Научната дејност на професор-академик Л. Милетич* (1934). Со таа брошура Баласчев методски и научно го разобличи Милетич како човек и научник, и ни ја посочи неговата **'научна вредност'**. Само таа брошура е доволен документ за улогата на Милетич, којшто стои на чело на М.Н.И., со задачи и цели немајќи ништо заедничко со македонските научни вистини. Милетич се наведна и не можеше да даде одговор на брошурата на Баласчев. Години по ред тој составуваше филолошки, историски и политички грдости за етничката припадност на **Македонците**. И неговите другари, раководени од него, М.Н.И., сите без исклучок ги изопачуваа историските факти на македонската борба, така што ги издигнаа нејзините предавници во херои и шпиони на турската власт - во патриоти, и ѝ поставија на македонската борба цели и задачи туѓи на интересите на **македонскиот народ**. Така се замаглуваше сознанието на

македонската емиграција и се воведуваше во заблуда не само бугарскиот народ, но и целиот свет за потеклото и карактерот на македонската борба и етничката припадост на **македонскиот народ**.

Своевремено **македонскиот народ** водеше борба. **Македонското национално сознание** почна да си го пробива патот. **Македонската национална идеја** се наложи.[2167]

1944 год. Артур Едмондс, Велика Британија.[2168] „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, повторувам, ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ се смета за херој меѓу ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ **МАКЕДОНЦИ** и многу од нив носат мали фотографии на нивните гради.“[2169]

1944 год. Џорџ Квајн, Велика Британија.[2170] Во неговото интервју за весникот *Народен војник*, информативното гласило на Првата македонска ударна бригада, меѓу останотото, изјвил: „Но морам да истакнам неколку работи: народот е многу заплашен од бугарскиот терор, особено се плаши од шпиони. Бугарите гледаат дека во народот постои движење против нив, инаку не може да се разбере поинаку големиот терор на бугарскиот окупатор над **македонскиот народ** и не би донесувале за кметови на општините луѓе од Бугарија. Исто така, имам видено примери на пљачкосување од страна на бугарскиот окупатор над **македонскиот народ**, особено во поглед на храната...

Што се однесува до самото расположение, најдобро е да се рече дека народот мисли вака: доколку ние побргу ќе се ослободиме од Бугарите, тоа ќе биде повесело и тогаш ќе можеме да живееме онака како што сакаме - како што му прилега на еден народ. Во целата работа најважно е ова: јас имам видено дека речиси секое село има или бугарска полиција или бугарска војска, а тоа најречито говори дали **македонскиот народ** сака да биде окупиран или да биде слободен.“[2171]

[2167] Диневъ, А. *Етнографската идея на Македонските Славяни*. София, 1940: 20-23.

[2168] Артур Едмондс - член на британската воена мисија во делот на Македонија што се наоѓа во рамките на Грција.

[2169] Prentice/ Wickstead Papers, Signals, 6/2, ракопис, Liddel Hart Centre for Military Archives, King's College London (понатаму: LHCMA King's College London); *Сведошшва*..., 336.

[2170] Мајорот Џорџ Квајн бил член на британската воена мисија при Главниот штаб на НОВ и ПОМ.

[2171] Весник *Народен војник* бр. 2, 1944 год.

1944 год. Патрик Хачисон Еванс, Велика Британија.[2172] „Скоро сите зборуваат **славјански**. Близу 50% од жените не зборуваат грчки или многу малку, исто неколку стари мажи. Во целина младите луѓе зборуваат подобро грчки отколку старите. МЕТАКСАС, кој забрни да се зборува **МАКЕДОНСКИ (СЛОВЕНСКИ)** е во лошо сеќавање скоро за целото население. Прикриените симпатии на населението, колку што можев јас да откријам, се ПРОСЛОВЕНСКИ. Тие сè уште не ги сакаат, не им веруваат и се плашат од Грците. Уверливиот обид на ЕАМ, преоблечен во псевдоМАКЕДОНСКА облека, како СНОФ, без сомневање, имаше извесен ефект... секое **МАКЕДОНСКО национлно чувство** е слабо, недоверливо и тлее отколку еден активен пламен на патриотска независност... јас внимателно избегнував да правам разлика меѓу ГРЦИ и **СЛОВЕНИ** и секогаш се обидував да покажам дека мисијата е пријателска спрема секој оној кој ги помага сојузниците. (Навистина јас ги сакам СЛОВЕНИТЕ повеќе отколку ГРЦИТЕ. Но јас се трудам да го прикријам ова мое лично чувство)... Поголемиот дел од СЛАВОМАКЕДОНЦИТЕ сметаат дека една од основните воени цели на БРИТАНИЈА е да го врати кралот на ХЕЛЕНИТЕ, а кралот за нив значи МЕТАКСАС, со неговата забрана за користење на **СЛОВЕНСКИОТ јазик**, просветителската практика како казните, затворањата, рициново масло и прогонство во Бугарија... **СЛОВЕНИТЕ** претставуваат малцинство во ГРЦИЈА и мнозинство на ВИЧИ,[2173] и поради тоа претставуваат вистински проблем за секој оној кој делува во таа област...“[2174]

5. НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА

Јас верувам дека понатаму нема да има потенцијални извори кои би нè загрижувале. Јас верувам, што би се рекло, дека по завршувањето на војната нема да има конфликти меѓу Грците и **МАКЕДОНЦИТЕ** за независна МАКЕДОНИЈА, што, верувам, е сè што нè интересира нас како воена мисија со извршување на одредени воени задачи. (Ако тие сакаат меѓусебно да си ги сечат грлата по војната, тоа е нивна работа. И веројатно ние нема да ги обелодениме нашите политички мотиви во блиска иднина, со што би ги

[2172] Патрик Хачисон Еванс (1913 - 1994), британски специалец, припадник на Управата за специални операции СОЕ. Од 1943 година бил спуштен со падобранец во западниот дел на Македонија.

[2173] Се однесува на планината Вичо и нејзината околина.

[2174] проф. д-р Чепрегнов, Т. - проф. д-р Џинго, Т. - вон. - проф. д-р Јосимовска, В. - вон. проф. Цацкова, О. доц. д-р Николова, С. *Македонскиот национален идентитет во британската и американската дипломатска и разузнувачка кореспонденција (1919 - 1945)*: 60-61.

загрозиле нашите воени успеси во сегашниот момент и во непосредна иднина.)[2175]

1944 год.[2176] Патрик Хачисон Еванс, Велика Британија. „Исто така, важно е да се нагласи дека населението, како што тие не се ГРЦИ, исто така не се БУГАРИ или СРБИ или ХРВАТИ. Тие се **МАКЕДОНЦИ**. За ова јас овде не можам да догматизирам, бидејќи јас не ја познавам историјата и посебно етнологијата на **МАКЕДОНЦИТЕ**... **Македонската идеја** исто така би можела да биде навистина нешто вештачко, резултат на пропаганда. Но не изгледа така. Мене ми изгледа сосема објективно **МАКЕДОНЦИТЕ** да се сметаат како ентитет, иако се малобројни и предмет на делба. **МАКЕДОНЦИТЕ** се поттикнати од силни, но измешани чувства на патриотизам...

Истата тврдоглавост се покажува и во **МАКЕДОНСКИТЕ** песни, како традиционалните исто така и оние кои се создадени во сегашната војна. Вистина е дека песните обично ја споменуваат МАКЕДОНИЈА и не некое посебно место во МАКЕДОНИЈА, но чувството кое тие го изразуваат е едноставна и директна љубов кон земјата, без некој интелектуален ентузијазам за политичка идеја... Ритмичката пулсација во сите нив е љубовта на **МАКЕДОНЕЦОТ** кон неговот родно место... **Македонскиот патриотизам** не е вештачки, тој е природен, спонтано и длабоко всадено чувство кое почнува во детството, како и секој друг патриотизам. Оттаму, сепаратистичките тенденции ќе продолжат да жнеат; тоа не е неуспешен обид. Мене ми се чини дека тоа е една од грешките на историјата или лапсусите на историјата, (јас повторувам, не знам ништо за **МАКЕДОНСКАТА историја**) за непостоење на независна држава...

Ако ГРЦИТЕ им дадат на **МАКЕДОНЦИТЕ** што тие сакаат, слобода да зборуваат на мајчин јазик и нешто подобар живот - тие би биле наклонети да останат ГРЧКИ граѓани..."[2177]

1944 год. Роналд Мекдоналд, шеф на Британска воена мисија при Главниот штаб на НОВ и ПОМ, Велика Британија. „Македонското партизанско движење во својата основа, пред сè, е националистичко, а потоа комунистичко движење. Во нивната пропаганда за цело време нагласувањето е ставено на

[2175] *Сведоштва*..., 345-346; LHCMA King's College London, Evans 2/1/4.

[2176] 7.8.1944 год.

[2177] *Велика Британија и Македонија (18 август 1944 - 8 мај 1945): Документи*, том 1 (избор и редакција Тодор Чепреганов). Скопје, 1995: 93-104.

македонската национална независност. Бидејќи тие немале независност од XII век, очигледната брзина во приближувањето на реализирањето на оваа цел ги има обединето сите нијанси на политичкото мислење и сите класи во **МАКЕДОНИЈА** заради партизанското движење. Фактот што тие сега се борат како **македонска армија** тие го сметаат за дел од историјата.

Со векови терор заради нив, клатното се сврти на другата страна и тие ја имаат изгубено целата смисла за пропорција. Нивните идеи се смешно големи. Нивните лидери сериозно сметаат дека Грција и Бугарија ќе ѝ отстапат територии на нова Македонија. Според нив, границите би се протегале од реката Места до Охрид и од Солун до Куманово. Јас би нагласил дека ова не е некое мудрување, туку сериозно е поставено од АПОСТОЛСКИ, АБАС и др(угите).

Во исто време, тие ја сфаќаат неопходноста да бидат член на силна федерација на југословенските држави. Со векови цел на различни балкански држави, тие се многу свесни дека тие самите не се доволно способни да ја задржат својата независност и ќе треба полека да се потпираат на јака ЈУГОСЛАВИЈА.

Јас би сакал да нагласам дека денес надвор од партизанското движење не постои политичка активност во МАКЕДОНИЈА.“[2178]

1944 год.[2179] Телеграма од Бари до Казерта, Велика Британија.[2180]
„Македонија

9. ... Сега партизанската бригада го има заземено триаголникот Дебар - Кичево - Гостивар. И по должината на албанската граница биле евакуирани сите бугарски места и постојат знаци дека голем број од бугарските сили се повлекуваат во Бугарија. Сè до 6 септември во Прилеп и во Битола, каде што имаше голем број

[2178] Чепреганов, Т. *Британските воени мисии во Македонија 1942 - 1945: FO 371/43739 R 21785, Телеграма 352, Извештај на капетанот Мегдоналд, шеф на британската воена мисија при ГШ на НОВ и ПОМ, до Форин офис, 4 декември 1944*. ДАРМ. Скопје, 2000; Ставови-Кавка, И. *Границите на Макеонија - хронологија на идеите за нивни промени: Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010: 369; Troebst, S. *Die bulgarisch-jugoslawische Kontroverse um Makedonien 1967 - 1982*. München, 1983: 60, цит. за Public Record Office, London (PRO), War Office 202, War of 1939 - 1945; Military Head quarters Papers, Militari Missions, t. 209 Reports from the Field; Macedonia Sep. – Nov. 1944. Capt D.S.M. Macdonald, Report on Mission Brasenose, 18 November 1944.

[2179] 13.9.1944 год.

[2180] Резидентен министер за Централниот Медитеран.

Германци, бугарските гарнизони им го предавале оружјето и не се во конфликт со Германците. Се известува дека **Македонците** во бугарската армија во голем број дезертираат и им се придружуваат на партизаните со своето оружје.“[2181]

1944 год.[2182] Кларк, Велика Британија.[2183] „Она што посебно треба да се нагласи е пропагандата наменета за **Македонците**... Општото мислење во СКОПЈЕ е дека нивната пропаганда е добра, но дека треба да се прошири со цел да биде достапна не само за оние што можат да читаат,туку исто така и на оние луѓе (кои формираат голем дел од МАКЕДОНИЈА) што не можат да читаат... Исто така, при подготвувањето на пропагандата за МАКЕДОНИЈА би била одлична работа ако **македонскиот јазик** се употребува наместо српскиот, бидејќи во МАКЕДОНИЈА Србите за време на ЈУГОСЛАВИЈА беа угнетувачи и земјопоседници во истата класа со Бугарите и Германците и здобивајќи се со својата независност, **Македонците се многу горди на својот јазик**...“[2184]

1944 год.[2185] Патрик Еванс, Велика Британија. „Питер ме известува со писмо напишано на 9 окт/омври/ во 23:45 часот: ’Навистина на баталјонот на ГОЧЕ[2186](II/28) му беше наредено да замине за ВЕРМИОН.[2187] Тој одбил да замине, нагласувајќи дека сите негови луѓе се **Македонци** и дека нивното место е овде, во МАКЕДОНИЈА. ГОЧЕ и неговиот политички ба/таљонски/ командир со помош на другите ги извадиле пиштолите, но биле разделени од андартите и двајцата биле испратени во ГШ на полкот. ГОЧИ бил уапсен.

Меѓутоа, тоа не завршило таму бидејќи ГОЧЕВИОТ ба/таљон/ и 2 од моите коман/доси/ од ГОЧЕВИОТ ба/таљон/ си заминаа, иако јас во тој момент не ја знаев причината, бидејќи тие замолија за 48-часовен одмор...

[2181] *Сведоштва*..., 347.

[2182] Септември, 1944 год.

[2183] Резидент министер за Централниот Медитеран.

[2184] Сведоштва..., 348; PRO WO 202/209.

[2185] 11.10.1944 год.

[2186] Илија Димовски-Гоче (1905 - 1961), деец на македонското национално движење. Уште од 1941 год. бил иницијатор за формирање самостојно македонско антифашистичко движење во Егејска Македонија. Бил командант на Партизанскиот одред „Вичо“ 1943 год., потоа политички комесар и командант на Леринско-костурскиот баталјон, командант на Првата егејска бригада (1944), учесник во Граѓанската војна во Грција (1946 - 1949).

[2187] Каракамен.

4) **МАКЕДОНЦИТЕ** како луѓе грчевито се држат за своите места: локалните **Маке/донци/**, мислам општо земено, сакаат да бидат на своето место кога се води борба.“[2188]

1944 год. Британска воена мисија *Консерв*, Велика Британија.[2189] „Осмата бригада дејствува јужно од Скопје во областа Карлијак, повторувам Карлијак. Дванаесеттата бри(гада) на железничката пруга Скопје - Зелениково и го заседоа Драчево на 9 окт(омври). **Македонците** во Бугарија добија бри(гада) во Софија и нејзиниот прв баталјон е на пат кон ГШ.[2190]

1944 год. Клутон, Велика Британија.[2191] „Во близината на Флорина[2192] има славофонски елементи кои, без сомнение, **се чувствуваат Македонци, и тие така се нарекуваат**. Основното прашање е како да се спречи оваа опасна македонска глупост.“[2193]

1944 год. Извештај на ОСС, САД.[2197] „Сите ’федералисти‘ во владата и на ’армијата‘ на Михајловиќ[2198] се согласуваат дека Југославија треба да ја задржи династијата Караѓорѓевиќ.

Сите тие ги оспоруваат правата на **Македонците** да формираат автономна држава во рамките на Југославија...

Изгледа дека сè уште не постои целосен договор за тоа колку автономни држави ќе се формираат. Лавороviот венец кој го опкружува најновиот партизански печат, кој се употребува на нивните пасоши е поделен на пет дела, означувајќи ги петте националности: Срби, Црногорци, Словенци, Хрвати и **Македонци**...

Накусо, прашањето за државната поделба во федерални единици сè уште не е усогласено. Регионалните антифашистички собранија на народното ослободување на Југославија (досега формирани во Словенија, Хрватска,

---

[2188] *Сведоштва*..., 348; PRENTICE/WICKSTEAD Papers, Operational Correspodence 5/3, ракопис, LHCMA King’s College London.

[2189] Од 13 октомври 1943.

[2190] PRO WO 202/370; *Сведоштва*..., 333.

[2191] Експерт во Министерството за надворешни работи на Велика Британија.

[2192] Се мисли на Лерин.

[2193] *Сведоштва*..., 350; PRO FO 371/43739 R 21 785.

[2197] Извештај на ОСС - Американска известувачка служба од 8.7.1944 год.

[2198] Дража Михајловиќ (1893 - 1946), четнички водач и генерал на Југословенската кралска војска, приврзаник и борец за Југословенска Монархија на чело со српската династија Караѓорѓевиќ.

Босна и Херцеговина и во Македонија) се нуклеус за формирање на владите на тие држави...

Македонија дефинитвно не ѝ припаѓа на српската единица. Етнички, национално, општествено, психолошки и историски **Македонците** се разликуваат од Србите. Тие повеќе се разликуваат од Србите лингвистички отколку што се разликуваат Србите од Хрватите. Сепак, **Македонците** не се хомогена нација. **Македонските Словени**, најголемата етничка група, претставуваат одвај 30 % од целокупното население. **Македонскиот национализам** е многу неприроден. Тие се група на народ поврзани со географски фактор, со слична општествена структура и историско минато. Тие не се формирани во цврста национална единица. Но нивната независност, пред сè, се оправдува со фактот дека: 1) тие се разликуваат од сите соседни народи - тие не се ниту Албанци, ниту Грци, ниту Бугари, ниту Срби и 2) тие имаат организирано силно движење за автономија во рамките на јужнословенската федерација. Формирањето **македонската национална држава** би можело да се реализира единствено со обединување на сите **Македонци** (кои живеат во Југославија, Грција и во Бугарија) во една единица која би била дел од Југословенската Федерација. Вклучувањето на Македонија во Југославија е оправдано поради следниве причини:

1. југословенската Македонија е Пиемонт на сите **Македонци**;
2. борбата за југословенска Македонија беше промовирана во оваа војна од антифашистичките сили како спротивност на бугарска Македонија, поддржувана од Оската или за целосно 'независна' Македонија, заговарана од Ванчо Михајлов, кој беше поддржан од Хитлер во резерва и со кого ѝ се закануваше на бугарска Влада со губење на Македонија во случај таа да не ги исполни барањата на Оската..."[2199]

1944 год. ЦИА, САД.

„Македонски барања спрема Грција.

Овој предизвик расте од чисто изразената желба на поддржувачите на автономија за Македонија да ги обединат сите **Македонци**, вклучувајќи ги и оние што се сега под грчка власт, во нова македонска држава. **Македонскиот лидер**, генералот Михајло Апостолски (мајор на армијата на поранешна Југославија и поставениот командант на Тито на **македонските партизански воени единици**) неодамна изјави дека автономна држава Македонија ќе ги вклучи Солун и грчката егејска територија на исток до реката Места (Нестос).

[2199] PRO WO 201/1621 A; *Сведошшва*..., 342.

Генерал-мајорот Светозар Вукмановиќ-Темпо (личен воен и политички претставник на Тито во Македонија и Србија) во неговото обраќање пред Врховното антифашистичко народно собрание на Србија изјави дека 'целата **македонската нација** исто така сака да оствари целосно обединување со остатоците од **македонскиот народ** кои се под грчка и бугарска власт во таквата конфедеративна македонска држава. Во реализирањето на оваа задача ние... препознаваме дека ја имаме целосната поддршка од сите словенски нации... Подеднакво отворено Вукмановиќ-Темпо изјави дека кој патувал низ македонската територија, која се наоѓа во рамките на грчката и бугарската држава, и јас ја изразувам желбата на **македонскиот народ** од овие држави која тие ја посакуваат за да ѝ се придружат на својата татковина'.
Слично, Димитар Влахов во изјава која веќе е цитирана, не само што ги отфрла грчките територијални барања во однос на Македонија туку исто така прави извадок за политиката на грчката Влада кон **Македонците** во Грција. *Јас протестирам* - вели тој - *против (обвинувањата на) македонските антифашисти во Егејска Македонија од органите на грчката Влада за нивно учество во борба против германските окупатори и нивната желба да **зборуваат македонски** и да укажуваат нивните национални права на слобода*.[2200]

1944 год. Група видни македонски дејци и илинденци.

„АПЕЛ КОН МАКЕДОНЦИТЕ ВО БУГАРИЈА, септември 1944 год.

Драги сонародници,

Македонскиот народ има водено и води епски борби за своето национално ослободување. Неговите најсмели и самопрегорни синови непрестано ја напаѓаа со јуриш турската тврдина на феудализмот и деспотизмот. Ентузијазмот и самопожртвувањето на **Македонците** ја создадоа херојската епопеја меѓу револуционерните борби на **македонскиот народ** - Илинденското востание во 1903 година.

Водени смело од идеолозите на македонската ослободителна борба: Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Даме Груев, Јане Сандански, Димо Х. Димов и плејада други борци, илинденците ја обесмртија таа борба и го запишаа на страниците на национал-револуционерните движења најголемиот херојски подвиг.

[2200] *Македонија во документите на ЦИА*, том 1. ДАРСМ. Скопје: 52-57; Army Heritage Centar Foundation, Carlisle, USA, Document no. DR2232, M32, 1944, 13-17.

Ситуацијата во која беше подготвена, организирана и спроведена национално-револуционерната борба, бараше цврста увереност и фанатична смелост. Турската власт, иако и со очевидните знаци на деморализација, беше сè уште силна за да се пресметува со македонските борби. Тогаш, постојните влади на Србите, Грците и Бугарите, спроводници на хегемонистичката политика на Балканот, ги вкрстуваа своите аспирации за присвојување и разделување на македонската земја, за поробување и асимилирање на **македонскиот народ**. За да се отстрани оваа опасност, македонскиот народ мораше да ја води борбата самостојно, со сопствени сили и средства, против глутница шовинисти и завојувачи, управници во балканските држави. Меѓутоа, наспроти неблагопријатни услови револуционерната енергија на поробените **Македонци** секогаш беше во бојна готовност...

Македонскиот народ преживеа тешки години на национален гнет…

Така, во Македонија од 1941 година изникна како решителна сила Македонската народноослободителна војска, којашто славно ги продолжува традициите и историските борби на **македонскиот народ** против завојувачката политика на Балканот и во тесен сојуз со движењето на маршал Тито да ја гради слободата на Македонија и нејзиното федерирање со сите демократски сили на Балканот.

Во таа ситуација во нашата татковина се создаде АСНОМ (Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија) како институт од највисока револуционерна и политичка вредност, прокламирајќи го основниот закон на Македонија, а имено - **полно самоопределување на македонскиот народ**...

Софија, септември 1944 год.

Потпишале: д-р Павел Шатев, Боѓин Димитров, Иван П. Јорданов, Љубен Манолов, Христо Калајџиев, Георги Саракинов, Георги Деспотов, Ангел Динев, Крсто Гермов (Шакир), Филип П. Тодоров, Димитар Халваџиев, Александар Мартулков, Лазар Поповски, д-р Христо Далкалачев, Д-р Христо Тренчов, Петар Шанданов, Пецо Трајков, Лазар К. Ачлаков, Туше Делииванов, Геори Динишев, Никола Константинов, д-р Лазар Божинов, Гоце Грков, д-р Васил Христов, Борис Михов, Туше Влахов, Стефан Нанов и Мишел Герџиков.[2201]

[2201] *Документи за борбата*..., том 2: 653-656; ДАРСМ, Фонд АСНОМ.

1944 год. Писмо на ЦК на Комунситичката партија на Македонија до ЦК на БРП (1 октомври). „На состанокот другарите Темпо и Лазо се спогодиле со вас во следните точки:

1. **Македонскиот народ** во бугарскиот дел на Македонија има право на самоопределување до отцепување или доброволно обединување со други народи...“[2202]

1944 год. Лазар Колишевски.[2203] Во писмото до Централниот комитет на Бугарската работничка партија (октомври 1944), меѓу другото, пишува: „Ние се разбравме со вас за следните прашања:

1. **Македонците** во бугарскиот дел на Македонија да формираат свои **национални воени единици**, кои засега ќе бидат во составот на Бугарската народна армија и под раководство на бугарското главно командување. Тие ќе се борат рамо до рамо со **македонските воени единици** на Народноослободителната војска на Југославија против Германците;
2. **Македонците** во бугарскиот дел на Македонија да имаат право да формираат свои националнослободителни комитети во сите села и градови...“[2204]

1944 год. Весник *Работническо дело*, Бугарија. „Како и Федеративна и Демократска Југославија, така исто и слободната **македонска држава**, што влегува во неа како рамноправен член, се создадоа не како резултат на некакви меѓународни дипломатски комбинации, туку како зрел плод на една повеќе од тригодишна, колку херојска и величенствена толку тешка и крвава ослободителна борба на југословенските народи, во тој број и на **македонскиот народ**, против омразените германски окупатори. Како што е познато, на чело од таа тешка и крвава борба стоеше легендарниот воен раководител и истакнат државник маршал Тито. За жал, во историјата на таа епска борба на југословенските народи се наоѓа една срамна страница за Бугарија, што ќе им раскажува на идните поколенија за црното изневерување и предавство на фашистичката клика, на германската агентура во нашата земја, која против волјата на бугарскиот народ водеше братоубиствена војна на страната на Хитлеровите окупатори против југословенските борци за слобода и независност. Денеска главатарите на таа престапна и продадена

[2202] *Документи за борбата*..., том 2: 667-657; Архив на ИНИ, арх. бр. 2057, 1944.

[2203] Секретар на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија.

[2204] *Документи за борбата*..., том 2: 657-658; Архив на ИНИ, арх. бр. 1317, 1944.

великобугарска и шовинистичка клика се ставени од бугарскиот народ на клупата за обвинети за да одговараат за своите предавства и злодела...

Македонија, која во текот на последните децении беше само објект за завладување од страна на бугарската династија и великобугарската шовинистичка клика, сега, кога бугарскиот народ се ослободи од потискувањето на тие предавници и германски агенти, тој се воодушевува само од братски чувства кон многунапатениот **македонски народ**...

Бугарскиот народ, за разлика од великобугарските шовинисти и туѓи агенти, и во минатото ја следел со најголеми симпатии и му ја давал својата подршка на **македонскиот народ** во неговата борба за неговото ослободување и обединување, врз база на принципите на самоопределување...

И денеска бугарскиот народ со искрена радост и со најтопли симпатии ја следи изградбата на слободната **македонска држава** во рамките на Титова Југославија..."[2205]

ЗАКЛУЧОК

Името „МАКЕДОНЦИ" го среќаваме наназад 2800 години, и во тој голем период претставувало **етноним** на племе, народ и нација и **политоним** на население од различно потекло кое живеело во рамките на македонската држава и провинциите со истото име. Од името „Македонци" произлегле и имињата на држави, провинции, воено-административни единици, војски, црквата, јазикот итн. до лични имиња и атрибути.

Етнонимот Македонци бележи мошне поголем континуитет во однос на политонимот, најмногу заради државниот дисконтинуитет на македонската државност. Покрај античките Македонци, најдолготраен носител на името низ историјата било и т.н. „етничко јадро" настанато при промената на структурата на населението кое го сочинува етносупстратот на древните романизирани Македонци и словенските племиња во Македонија за време на раниот среден век.

Од прикажаните извори во оваа книга, но и од многу други, се гледа дека името опстојувало најмногу затоа што населението кое живеело на територијата од Македонија го употребувало како име на припадност, и тоа во

[2205] *Работническо дело* (Уводна статија). София, 27 декември 1944: 1; *Документи за борбата...*, том 2: 667-669.

три форми на именска самоидентификација: територијална, етноисториска (народносна) и национална.

* * *

Хронолошки забележуваме **осцилации во присуството на името низ историските извори**. Постоеле низа фактори кои влијаеле врз таквите појави.

Меѓу **факторите кои влијаеле на потиснување на името,** покрај споменатиот државен дисконтинуитет, тука спаѓаат и влијанијата на политички структури и елити во сите историски периоди кои, главно, припаѓаат на ентитети кои не потекнуваат од Македонија, а владееле со нејзината територија, потоа кога верската припадност во средновековието и во османлискиот период имала поголемо значење од припадноста на етничката заедница и во најновиот период на инородните странски пропаганди и сл.

Во XIX век, кога започнало формирањето на модерните балкански држави Грција, Србија и Бугарија, името Македонец во нивните рамки било признавано исклучиво како припадност на население на одредена географска област, и тоа од трите држави кои имале големи територијални аспирации кон Македонија и кога тие преку нивните шовинистички пропаганди се обидувале да внесат кај Македонците туѓо народно или национално чувство. Огромниот дипломатски документарен материјал и објавената литература и списанија во овие три соседни држави сведочат за употреба на името „Македонци“ како провинциско и неетничко, но и како такво тоа продолжило да ја игра улогата на препознатливо име за населението од далечното минато и народот кој успеал да го сочува и изгради до ниво на национално име.

По воената поделба на територијата на Македонија меѓу овие три соседни држави во 1913 година самоизјаснувањето со етнонимот „Македонци“ било забрането. Во Рамките на Грција и Кралството СХС/Југославија, покрај етнонимот било забрането името и како припадност на одредена територија, додека за бугарските власти името Македонци и понатаму се користело исклучиво како за население на бугарската територија Македонија, односно името „Македонци“ подразбирало „македонски Бугари“.

За жал, меѓу негативните фактори за преименување на Македонците, активно учествувале и некои од Големите Сили. Ова најмногу се однесува на политиките на Руското Царство од 70-тите години на XIX век и посебно со силен антимакедонски интензитет од 1897 до 1912 год. За жал, по пропаста на Руското Царство неговата улога ја презема Велика Британија во периодот меѓу

двете светски војни, кога во улога на „светски полицаец“ ги штити утврдените граници на Балканот со Версајскиот мировен договор, а борбата за македонска национална и именска афирмација ја третира како опасност на британските интереси.

Еден од најголемите негативни фактори за зачувување на идентитетското име одиграле токму луѓето од Македонија коишто како свој етноним го прифатиле името на некои од соседните народи и се ставиле во служба на тие држави за да ги реализираат нивните планови за територијално и национално проширување на сметка на Македонците и нивната татковина. Тие луѓе во најголем дел биле образувани во училиштата и универзитетите на соседните држави и биле употребувани како инструменти за ширење туѓа национална пропаганда и наметнување туѓа именска идентификација. Исто така, голем дел од нив заземале и високи политички, верски, воени и образовни позиции во тие држави и како такви нивното негативно влијание било уште посилно.

Факторите кои влијаеле за зачувување на името „Македонци“ може да ги поделиме на внатрешни и надворешни. **Внатрешните фактори** може да ги поврземе со историското потекло на населението од најстари времиња кое именски го обединува, без оглед на влијанијата на различни етносупстрати, а потоа и славата на името на земјата Македонија која со милениуми територијално го определувала етнонимот и феноменот на именувањето на населението кое живеело на тој географски простор и тоа име самосвесно го носи со поколенија, без оглед на тоа дали политичките околности одат во прилог или не.

Меѓу внатрешните фактори кои позитивно влијаеле за зачувување на етнонимот секако е колективната меморија, која претставува речиси неуништлив код. Колективната меморија на народот е клучниот генератор на дејствувањето на македонските преродбеници и македонските револу-ционерни организации кои ќе се појават во втората половина на XIX век и во нивниот континуитет на надоградување ќе ја заокружат борбата за создавање македонска држава и национална и именска афирмација. Носителите на идентитетското име како народносно и национално самосознание во XIX век и почетокот на XX век биле најпрвин писмените, а потоа и високообразованите луѓе. Од средината на XIX век за писмени луѓе се сметале сите кои знаеле да читаат и пишуваат без некое поголемо образование, затоа што таквите луѓе биле ретки. Меѓу првите носители се појавуваат свештените лица и нивните

ученици во ќелијните училишта. Во втората половина на XIX век таа иницијатива, покрај свешетниците, ја презеле учителите кои најчесто се школувале во некои од балканските држави, воспитувани најчесто во немакедонски народносен дух. И покрај тоа, дел од нив не само што покажале идентитетска самосвест, туку ќе бидат и водачи на првите народни востанија. Кон крајот на XIX век и почетокот на XX век завиден број македонски ученици го продолжиле своето школување низ европските универзитети. Најголемиот број од нив биле студенти по медицина и токму затоа не нè зачудува и нивната доминантна бројка меѓу претставниците на студентската национална авангарда кои се залагале и се бореле за посебна македонска државност, нација и идентитетско име. Без постоењето внатрешните фактори за зачувување на именскиот идентитет не би се појавиле надворешните фактори за поддршка на Македонците.

Постојат и **надворешни фактори** кои дале значаен придонес во зачувувањето на името. Тоа најмногу се однесува на појавата и влијанието на т.н. „илирска идеја“. Илирската идеја се појавила и се негувала во периодот од XV до средината на XIX век, но надвор од Османлиската Империја. За време на тој критичен и прилично голем временски период, кога во рамките на османлиската држава се признавала само верската припадност, а етничката била сосема неважна и потисната до непрепознавање, илирската идеја и Западниот Свет ги чувале спомените на некогашните земји и народи, меѓу кои, и на Македонија и Македонците. Во тој период континуирано во рамките на европските земји се доселувале и македонски емигранти. Тие во новата средина се претставувале дека се од Македонија и нивното територијално потекло било пресудно за нивната македонска територијална самоидентификација. Уште поважно е што во периодот од XV до почетокот на XIX век во Европа биле издадени бројни печатени изданија со историска, политичка, географска и хералдичка тематика во кои се присутни Македонија и Македонците. На тамошните Македонци не само што не им било тешко да се претставуваат како Македонци туку македонското име станало дел од нивните лични имиња како атрибут „Македонец“ за кои постојат низа пишани зачувани сведоштва. На тој додаток на личното име биле горди како да носат посебна титула. На тие луѓе не им било тешко да бидат Македонци, затоа што како такви ги препознавале и тамошните власти, а на Македонците им било дозволено во одредени периоди да ги именуваат и новооформените мигрантски населби со македонското име.

Од крајот на XIX век и првата половина на XX век меѓу надворешните фактори кои позитивно влијаеле врз афирмацијата на етнонимот „Македонци“ се низата научни трудови во неколку европски држави, потоа политиката на САД од времето на појавата на помасовното иселување на Македонците во оваа држава кон крајот на XIX век, па сè до АСНОМ, политиката на Советскиот Сојуз и европските комунистички партии од 30-тите години на XX век, па сè до формирањето на македонската држава и посебно политиката на Комунистичката партија на Југославија од која произлезе и Комунистичката партија на Македонија, која ја поведе успешната Народноослободителна борба во виорот на Втората светска војна.

* * *

Во античкиот период низ изворите препознаваме етничка именска самоидентификација. Во поглед на именското самосознание на Македонците во периодот од средниот век, па сè до денешни дни, како што нагласивме на почетокот, забележуваме три форми: територијална**,** етноисториска (народносна) и национална. **Теритријалното именско самосознание**, кое трае од средниот век, особено почнувајќи од XII век, а во таква форма го среќаваме сè до почетокот на XIX век. Во XVIII век, низ изворите се забележува покрај територијалната и историско-јазична самоидентидикација како словенска јазична припадност во поширок контекст, кој во науката се нарекува протопреродбенски период. **Етноисториското (или народносно) именско самосознание** започнува јасно да се препознава во текстовите напишани од Македонците кон средината на XIX век. Ваквото народносно име продолжува сè до 1944 година, со тоа што во првите децении на XX век се појавуваат и првите научни разработки за создавање на македонска нација, а со тоа и **македонско национално име**, кое конечно се остварува со формирањето на македонската држава со АСНОМ како федерална единка на ДФЈ.

* * *

Феноменот на долгиот опстој на македонското име во сите негови форми на самоидентификација низ вековите и милениумите е доказ дека не само што не може вештачки да се создава (измислува) народ со посебно име туку многу повеќе е пример дека тоа ниту со еден државен декрет или волјата

на моќниците не може да се избрише од колективната меморија на народот. Единствен суверен носител на етничкото име се луѓето кои тоа име доброволно и самосвесно го прифатиле за свое без оглед на околностите и времињата во кои тие опстојуваат.

Иако во самиот воведен дел на книгава образложивме повеќе можни начини на потекло на етнонимот, сметаме дека името на еден народ (или етничка група) коешто не зависи од ниту една политичка одлука, туку од желбата и спремноста на народот (етничката група) да се самоидентификува со него и тоа име да ги обединува и одбележува неговите припадници без оглед на општествено-историските околности, е негово вистинско име. Тоа име ќе трае сè додека еден народ самосвесно, доброволно и со љубов го прифаќа како свое и спремно е да се жртвува за него, како што со векови тоа го прави еден народ кој го носи името МАКЕДОНЦИ.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

на трудот *МАКЕДОНЦИ - милениумски сведоштва за идентитетското име*
од д-р Бранислав Светозаревиќ-Покорни

Ми претставува особена чест да напишам мислење за овој евокативен труд, кој претставува огромна збирка на документи и соодветна нивна анализа. Идејно и содржински целта на авторот е да ги проследи: постоењето, динамиката, преобразбата и суштината на имињата „Македонија“ и „Македонец“ низ историската низа - античкиот период, средновековниот и нововековниот период, сè до 1944 год. Исто така, внимание е посветено и на атрибутските определби кои произлегуваат од споменатите именки, како и на нивното карактеристично значење во одделните периоди во смисла на „етноним“ или на „политоним“ или, пак, на „социјална стратификација“. Оваа дијалектичка намера д-р Светозаревиќ ја реализира преку презентација и анализа на бројни извори од македонска и странска провиниенција поставени во хронолошка логика. Оттука е и значајната количина на документациски материјал во вид на фрагменти од извори, сведоштва,

анализи, патописи, карти, ставови, мислења, заклучоци од домашни и од странски чинители, како и современици кои укажуваат или сведочат на постоењето на името „Македонија“ во географска или политичка смисла и на народносното име „Македонец“ во изминатите векови, сè до појавата на македонската држава и нација во XX век.

Овие записи претставуваат значајни аргументи за македонската определба и самосвест, но и за свеста на припадниците од другите народи и држави за постоењето на народот кој самиот себе се нарекувал и се нарекува - македонски. Значајно е и тоа што при секоја целина (корпус) на документи авторот прави анализа и научен приказ на периодите кои се битни за да се сфатат процесите и развојот на народносната и национална свест со нивните главни карактеристики. Ова, пак, е во насока да се приближи понудената изворна материја до поширокатa читателска публика за да го осознае и согледа полесно долготрајното настојување и борба на македонскиот народ за свој именски, историски и национален идентитет. Затоа, оваа збирка документи претставува солидна платформа за воведување поголема нијанса и зрелост во пошироките историски дебати околу прашањето за македонската народносна и суштинска физиономија низ историската вертикала.

Од методолошки аспект, преку синтеза и анализа на фактите, авторот го поставил документацискиот материјал во една логичка и функционална позиција, а историскиот наратив го поставил врз хронолошкиот принцип. Во контекст на научната строгост, одвоен е поголем простор за цитирање на историските извори и на литературата. Светозаревиќ инсистира на содржинскиот, а не на буквално-фактолошкиот пристап кон историските процеси со цел објективно следење на македонската народносна историја во нејзината комплексност.

Честитајќи му на огромниот труд што авторот го вложил, сметаме дека збирката документи и на анализи насловена *Македонци - милениумски сведоштва за идентитетското име*, има потенцијал да послужи како инспиративно четиво за поширокатa читателска публика, но и сериозен поттик за изработка на идни слични историски трудови во кои ќе бидат ангажирани и повеќе истражувачи и научни работници.

проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова

Една несекојдневна лингвистичко-историска рецензија на делото „Македонци - милениумски сведоштва за идентитетското име“

Фактите за постоењето на идентитетското име на Македонците во ова дело се прикажани со монументална сеопфатност на историски засведочени записи подредени според хронолошка методологија, дополнително придружени во конкретни историски услови, социолошки контекст, социјален статус, колективен менталитет (нарав), психологија на расудување, а сето тоа дадено во точно одредена синхрониска точка од многуилјадната историска дијахронија.

Она што во прв момент доаѓа до израз е сублимираниот јазичен израз на авторот, за кој поткрепа даваат квантумот на обработени и приложени историски податоци. Ова дело за Македонија од епски размери покажува дека во слободниот историски период, од кога Македонците практикуваат суверена македонска државност, историографските податоци во голема мера се професионално обработени од безмалку сите историски периоди. Тоа значи дека дескриптивниот момент на фактите македонската историска наука го извршила на висина на дадената задача. Јазичниот стил на Светозаревиќ ни дава еден многу интересен податок, а тоа е дека сега претстои период на сублимирање на дескриптивно обработените податоци, извлекување заклучоци во поширок социлошко-општествен контекст, посвесно себепоимање во денешницата и искристализирана сознајна свесност за себепостоењето во историското патување. Всушност, авторот трасира јазичен дискурс кој сублимира, синтетизира, извлекува заклучоци од историјата со употребна вредностза државотворни елементи. Читателот, воспримајќи го градивото, добива многу јасна слика за настаните и генезата на денешните општествени процеси и состојби, па може да се каже дури и последици. Таквиот јазичен стилски израз овозможува создавање тродимензионална слика во перцепцијата на читателот за себепостоењето на колективното Јас. Авторот го искачува читателот на ниво до птичја перспектива и какоод платформа му ги нуди историските податоци, секако поминати низ филтерот на релевантната наука.

Бидејќи се обработува исклучително долг временски период, интересна е траекторијата на постоење на идентитетското прашање кај Македонците и неговото историско патување; од проблесоци и светска доминација до понирање, па повторно ренесансно изникнување,

себеистражување,докажување за континуитет и на крајот зрело себепоимање. Во тојидентитетски континуитет би го издвоил средновековието, период на намалена интелектуална појава и историски хијатус. Во таквата историска длапка, како нужна реакција на загрозено ткиво, се јавува колективната меморија на народот преточена во усната наративна традиција. И тој устен наратив, како река понорница што се губи па извира повторно од никаде, своето материјализирање го реализира во преродбенскиот период. Оттаму, од записите на собирачите на умот народен од XIX век,узнаваме за големите цареви и нивните походи, за просветителите кои ја описменија половина Европа, за пуританскиот воин кој станал цар, за вазалот на Османлиите кој го заштитувал својот народот од физичко исчезнување, односно дознаваме за сопствената низа на постоење.

Ваквата кодирана свесност за постоење ќе ја споредам со еден лингвистички момент. Имено, во современиот македонски јазик е нормиран петвокален систем, и тоа: а, е, о, у, и. Фонетиката, како јазична дисциплина која ги истражува физичките карактеристики на гласовите, за македонскиот јазик кажува дека е единствениот во светот со чист изговор во нормираниот јазичен израз. Ваквите факти за македонскиот вокален систем се потврдени и со аудиометски мерења на физичките карактеристики наовие пет самогласки. Понатаму, слична на фонетиката, ни доаѓа фонологијата, односно јазична дисциплина која го истражува однесувањето на вокалите во фунција, т.е нивнот варијантен изговор во зборовите и речениците кое е дефинирано како алофонија. И токму тој варијантен изговор на вокалите, односно алофоните, е примарен признак за дијалектната диференцијација на јазикот. Според тоа,ние препознаваме дали некој роден говорител на македонскиот јазик е од западното или е од источното нарачје, дали е од Тетово или е од Берово, дали е од Воден или е од Неврокоп. Па така, секој роден говорител на македонскиот јазик од кој и да е крај, колку и да сака да го усвојува стандардизираниот јазичен израз, особено чистиот вокален систем, сепак по кодираната фонетска база која си ја носи од своето раѓање, усвоена од родителите, се препознавава неговото роднокрајно потекло.

Токму таква е и кодираноста на идентитетот на македонскиот народ, без разликанаисториските моменти и општествено-социјалните услови. Идентитетот на македонскиот народ континуирано се потиснува, но сепак избива и како кодирана порака продолжува да се репродуцира.

Од крајот на XIX до средината на XX век македонскиот идентитет добива стабилно теориско дефинирање. Се јавуваат созреани интелектуални личности кои даваат сеопфатанитеориски тезиза македонскиот идентитет, лишени од емоционална пристрасност, а со емотивна зрелост, што, пак, е знак за изградена емоционална интелегенција. Во овој контекст би издвоил неколку историски ликови кои не се премногу изразени во експонираната школска историја, но и помалку познати делувања на експонирани историски личности. Во овој период се појавува и свесност за економска стабилност, но и уште повнимателно избраната терминолошка синтагма - економска целост.

Така, Теодосиј Гологанов, од поп во Серско, крај кој потпаѓал на Грчката патријаршија, се провира во системот на Бугарската егзархија и станува митрополит на Скопската епархија, менувајќи ги притоа сите намесни свештеници и учители во негова надлежност и назначувајќи нови со услов да бидат застапници на обновувањето на Охридската архиепископија. Овој историски лик е впечатлив пример на борбата за македонската кауза, искористувајќи го постоечкиот државен систем подривајќи го однатре.

Тука е свесноста на Патар Поп Арсов за општественото делување на поединецот изразена во реченицата: „Одземете му го на човека полето на дејствување - тој е веќе мртов.“

Понатаму, нашиот основоположник на современата македонска поезија, Коста Солев Рацин, не е доволо експониран и како филозофски теоретичар на македонските состојби, па така во една прилика ќе рече: „Ете и историјата сакаат да ни ја скријат, да ни ја земат за да ни ја земат душата за да докажат дека сме племе без историски континуитет. Народ кој нема свое вчера, кој нема свое денес, не може да има ни свое утре. Ете, нашето вчера треба да исчезне за да се стопи нашето денес и за да се избрише секоја мисла за нашето утре. Континуитетот постои - континуитет на маки и страдања, но и континуитет на отпори, борби и еден чудовишен континуитет на национална отпорност и на народна жилавост.“

А, пак, интелектуалниот ум, Ангел Динев, сета суштина на македонската опстојба ќе ја собере во еден здив: „Народот што му ја даде азбуката на целиот словенски свет, што го излачи од својата утроба великиот револуционер - реформаторот Богомил и пуританскиот воин Самоил; кој живееше во револуционерната република создадена тајно на територијата од султанската држава цели 19 години, од 1893 до 1912 година; кој со себеодрекување ја создаде Илинденската епопеја; кој водеше крвопролевна

вооружена борба против вооружените пропаганди; кој се биеше против султанските војски на улиците од Цариград - тој народ никогаш, никогаш нема да го заборави своето историско минато и наспроти немањето секаква слобода нема да го изгуби својот етнички лик, ни својот дух, ни својот мајчин говор.“

Делото од Бранислав Светозаревиќ-Покорни „Македонци - милениумски сведоштва за идентитетското име“ поставува историски размери и дава системски приказ за идентитетскиот континуитет на македонскиот народ, како и сеопфатен одговор на оспорувањата на македонските идентитетски признаци од балканските соседи. Но во целава ситуација има и еден апсурд! Користени се цели државни стратегии и финансиски средства, како и репресивни мерки за докажување дека македонскиот идентитет не постои. Оттука, се поставува прашањето, ако македонскиот идентитет не постои, зошто толку многу се потрошени и сè уште се трошат ресурси за да се оспори непостоењето!?

м-р Александар Јорданоски

БИБЛИОГРАФИЈА

НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

- Архив Внешней Политички Российской Империи (АВПРИ) - Москва, ар.; Политический архив, (ПА) 1903.
- Архив војног института, Београд, кут 1, р.бр. 4/11-1, Годишен доклад за дејноста на службата во на одделението „В“, од 23.4. 1941 до 31.12.1941 год.
- Архив на ИНИ Скопје, Фонд - Партиски материјали, кутија 118/1940.
- Archives Hoover Instituin on War, Revolution and Peace, Stanford, California, Macedonia. Doc. VI A.
- Архив Србије, МИД,ПО, М/18, ф.V, дос. VI/390.
- Архив Србије, фонд - Министарство иностраних послова, Одељење - Служба безбедности, Полицијаска станица у Водену, док. бр. 966, 6.10.1917 год.
- БИА НБКМ, София, ф. 589, а.е. 1, *Спомени на Х. Коцев.*
- Дипломатски архив, Политичко одељење ф. I П/3 - 1887. АС, МИИД, ПО,Ф.V дос. IV, Пов. бр. 743.
- ДА ССИД – Фонд Министарства за спољне послове Краљевине Србије – Политичко-просветно одељење.
- ДАРМ, Скопје, фонд МНК, кут. 4.
- ДАРМ, Скопје, фонд АСНОМ, 1.157. 1.10/44-47; „Говор на Панко Брашнаров по повод отворањето на Првото заседание на АСНОМ, 2.8.1944 година, манастир Св. Прохор Пчињски“ (транскрипција - ракопис).
- ДАРМ, Скопје, ф. Битолска обласна дирекција, арх. бр. 1.129, 01.041.
- ДАРМ, Скопје, ф. д. Влахов, К. 21, АЕ 86.
- ДАРМ, ф. 273, Група батаљони, инв. бр. 368.
- ДАРМ, Скопје, КС 21, ИДА МНРИ, папка 908 (Бугарија 1919 - 30), предмет бр. 9, превод од италијански. Амбасада на Италија, Берлин, бр. 2122/972, 21.10.1920.
- ДАРМ, Скопје, Италијанска државна архива МНРИ, папка 712 (Албанија 1919 - 30), КС 21, бр. 3; Високиот комесар, бр. 106281/1461, Цариград, 18.9.1923, ИД МНРИ, папка 712 (Албанија 1919 - 30); ДРМ, КС 21, п. 712, предмет бр. 3;
- ДАРМ, Скопје, м-ф. М 2172, Извештај на II биро на Француската армија од 26.6.1917, Француски воен архив во Венсен.
- ДАРМ, МИД ППО, Н 599, бр. 2500, 2502 - 2516.
- ДАРМ, Ц.Д.И.А., М. 4315, Ф. 335.
- ДАРМ, М-8, сн. 627-628, PRO FO 195/1189.
- ДАРМ, Скопје, ф. бр. 222, Црковен (Духовен) суд на православна митрополија. Скопје, 1919 - 1941, необработен фонд.

- ДАРМ, Тетово, Писмо на партизанката Нада Антеска од Тетово, сестра на прославениот првоборец Иљо Антески-Смок, кое го напишала до своето семејство на 21.5.1944 год., необработен фонд.
- Дипломатски архив - Савезни секретаријат иностраних дела, Београд, Посланство, Цариград, Ф. 1/1887.
- *Документарен сборник: Българското управление във Македония, 1941 - 1944*. Държавна агенция архиви. София, 2011.
- *Zbornik dokumenata I podataka o Narodnooslobodilačom ratu jugoslovenskih Naroda*, том VII, knj. 1. (dok. br. 125). Beograd, 1952.
- Историјски архив КПЈ, *Проглас на ПК КПМ за Македонија од 15.2.1943*. Београд, 1951.
- Историјски институт Р Србије, Збирка Јована Ристића, К 18, инв. бр. 12/581, сиг. 12-5.
- Народна библиотека - Београд, Ф: Јован Х. Васиљевић, П 413/III, 9 мај 1888.
- Петрушевски, И. *Македонија прикажана на карти до 1800 год.* (студија во ракопис), Љуботен - Скопје, 1995; *Студија во ракопис на обработени стари мапи* (лична архива на Илија Петрушевски), Скопје.
- Росийский государственныій исторический архив, С. Петербург, ф. 673.
- Санктбетербугский, филиал Архива РАН, СП б., ф. 384, оп. 1, ед. хр. 130, л. 1 - ракопис на Лавров П. А
- Централна архива на Октомвриската револуција и социјлистичката обнова на Москва, Фонд, Гроф Игнатиев, бр. 730.
- Централний государственій архив древних атав - Москва, Греческие грамоты 1557 - 1718, фонд 52, опис 2, (1654 Февраля 4, Но 506).
-

ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ - ЗБИРКИ

- Başşbakanlik Devlel Arşivleri Genel Müdürlügü, Osmanli daire Balkanligi, Rumeli Müfettişligi Tasnifi, sadaret ve Bakitabet Evraki. Телеграма од 7.4.1903 год.
- Бошковски, М. *Имињата Македонија и Македонци во средновековните извори*. Републички завод за заштита на спомениците на културата. Скопје, 2003.
- *Британски документи за историјата на Македонија (1886 - 1900)*, редкција Драги Ѓорѓиев, том V. Скопје, 2005.
- *Век Екатерины II, Россия и Балканы*, редактор Н. И. Хитрова, Москава, 1998.
- *Византиски извори за историју народа Југославије*, том 1. Београд, 1955.
- *Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија*, том IV, книга II (1886 - 1887), приредил д-р Климент Џамбазовски. Београд, 1986: том V, книга II, 516-518; том V, книга II, 451.

- *Грађа за историју покрета на Балкану против Турака крајем XVI и почетком XVII века*. По италијанским архивима сакупио Томић, J. Н. књ. I, год. 1595 - 1606, Млетачки државни архив. Београд, 1933.
- *Гръцки извори за българската история*, т. 1, София, 1954.
- *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*, том 1 и том 2; Универзитет „Кирил и Методиј“. Скопје, 1981.
- *Документи о спољњој политици Краљевине Србије, 1903 - 1914*, књ. VI, св. 2. Београд, 1981.
- Dragović, M. „Materijali za istoriju Crne Gore vremena mitropolita Danila, Save i Vasilije Petrovića“. *Spomeniku*, XXV.
- Дракул, С. *Македонија меѓу автономијата и дележот (1894 - 1901, 1902)*, том 1. Куманово, 1995.
- Дракул, С. *Македонија меѓу автономијата и дележот (1907 - 1908)*, том 6. Кумново, 2006.
- *Зборник на документи од Антифашисичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ)*. Скопје, 1964.
- *ИА КПЈ*, „Манифест на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија од почетокот на октомври 1943 година“, том 7.
- *Историска вистина*. Култура. Скопје, 1981.
- *Италијански дипломатски документи за Македонија*, том 1, книга 1. ДАРМ. Скопје, 2001.
- *Италијански дипломтски документи за Македонија, 1925 - 1927*, том 1, книга 2 (избор и редакција Аленка Лапе, предговор и коментар акад. Гане Тодоровски). Скопје, 2005.
- *Италијански дипломатски документи за Македонија*, том 1, кн. 1, 160 (Кралско пратеништво на Италија - Букурешт, телеграма бр. 3106/819, 29.11.1921, ДАРМ, ИДА, МНРИ, папка 909 (Бугарија, 1919 - 30), КС 35.
- Лапе, Љ. *Одбрани текстови за историја на македонскиот народ*, I. Скопје, 1975.
- *Македония сборник от документи и материали*, БАН, София, 1978.
- *Македонскиот литературен кружок, Софија 1938 - 1941*: *Документи* (избор, превод редакција и белешки д-р Васил Тоциновски). Скопје, 1995.
- Макушев, В. *Историски споменици јужних Словена и околних народа*. Београд, 1882.
- Миноски, М. *Македонија во билатералните и мултилатерарните договори на балканските држави 1861 - 1913*. Архив на Македонија - Филозофски факултет - Матица македонска. Скопје, 2000.
- Миновски, М. *Македонизмот во илиденската епоха факти и аргументи*. Ројал арт. Скопје, 2020.

- Milović, J. M. *Zbornik dokumenata iz istorije Crne Gore (1685 - 1728).* Istorijski institut NR Crne gore. Cetinje, 1956.
- Полјански, Х. А. *Велика Британија и македонското прашање на париската мировна конференција во 1919 година*. Архив на Македонија. Скопје, 1975.
- *Програмски и статутарни документи на Внатрешната македонска револуционерна организација (1904 - 1908)*. Скопје.
- „Report of the international Commission To Incure into the Causes and Conduct of the Balkan Wars“. *Carnegie Endowment for International Peace, Division of Intercourse and Education: Publication*, N0 4. Washington DC, 1914.
- *Романски дипломатски документи за Македонија (1880 - 1900)*. ДАРМ. Скопје, 2018.
- *Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859 - 1918)*. Скопје, 2004.
- *Сборникъ отъ турскитѣ звѣрства и македонското освободително дѣло*. София, 1902.
- *Сведоштва за македонскиот идентитет (XVIII - XX век)*. ИНИ. Скопје, 2009.
- *Словенски превод времена Душанова*, издао Ст. Новаковић. Београд, 1907: 62-63.
- *Словенски ракописи во Македонија*, книга I. Архив на Македонија. Скопје, 1971.
- *Српски извори за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија*, док. бр. 46, том 4, кн. 3 (1998 - 1889). Белград, 1987.
- Theophanis, *Chronographia*. Ed. De Boor.
- „Turk as the critic of the Bible“. *The Sun New York.* 16 June, 1903.
- Цвијић, Ј. *Српски књижевни гласник*. 1927.
- *Велика Британија и Македонија (18 август 1944 - 8 мај 1945): Документи*, том 1 (избор и редакција Тодор Чепреганов). Скопје, 1995.
- Чепреганов, Т. *Британските воени мисии во Македонија 1942 - 1945: FO 371/43739 R 21785, Телеграма 352, Извештај на капетанот Мегдоналд, шеф на британската воена мисија при ГШ на НОВ и ПОМ, до Форин офис, 4 декември 1944*. ДАРМ. Скопје, 2000.
- Šafařik, S. P. *Slovenske Starožitnosti*. Praha, 1863.
- Šišić, F. „Hrvatski saborski spisi“. *Monumenta*, XXXIII. Zagreb, 1912.
- Шоповъ, А. „Материали за българското възраждение в македония“. *Периодическо апиание*, кн. 18. Средец, 1885.

КНИГИ

- Аврамов, С. *Революционните борби въ Азотъ (Велешко) и Поречието*. София, 1939.
- Амфитеатровъ, А. *Македонія и младотурки*, 1912.
- Андријевић, А. *Струмица земља и народ*. Ниш, 1923.
- Анфитеатров, А. В. *Земја на раздорот*. Македонска книга. Скопје, 1990.
- Анастасовски, Н. *Борбата за македонскиот идентитет 1870 - 1912*. Скопје, 2012.
- Антољак, С. *Средновековна Македонија*, 1. Мисла. Скопје, 1985.
- *Atlas Sive Cosmographicae Meditationes de Fabrica Mundi et Fabricati Figura*. Duisburg, 1595.
- Barleti, M. *Historia de vita et gestis Scanderbegi Epirotarum principis*. 1508.
- Белић, А. *Срби и Бугари у Балканском савезу и међусебном рату*. Београд, 1913.
- Белчовски, Ј. „Историските основи за автокефалноста на Македонската православна црква“. *Студентски збор*, 1986.
- Бернејс, Е. *Пропаганда - во раце држите парче историја*. Антолог. Скопје, 2020.
- Битовски, К. *Македонија и Кнежевството Бугарија (1893 - 1903)*. ИНИ. Скопје, 1978.
- Битовски Крсте, Грчката ,,Македонска борба“, ИНИ. Скопје, 2001.
- Блажарић, П. *Мемоари: Сава Дечанац*, 2006.
- Бошковски, М. *Имињата Македонија и Македонци во средновековните извори*. Републички завод за заштита на културата. Скопје, 2003.
- Брејлсфорд, Н. Х. *Македонија, нејзините народи и иднина*. Скопје, 2003.
- Борза Н. Јуџин, Во сенката на Олимп, појавата на Македон, Патрија, Скопје, 2004.
- Botzaris, N. *Visions Balcaniques dans la preparation de 1 s revolutionqrecque*, Paris - Geneve, 1962.
- Бригз, Е. *Друштвена историја Енглеске*. Светови. Нови Сад, 2001.
- Брокијер, де ла Б. *Путовање преко мора*. Београд, 1950.
- *The Brooklyn Daily Eagle*. Brooklyn, New York, 14 Apr. 1935.
- Веселиновъ, К. *Възраждането на Македония и Илинденското възстание*. Национална научна библиотека „Кълбо“. София, 1939.
- Веселиновъ, К. *Национално-поробени народи и национални малцинства*. София, 1938.
- Vlahović, P. *Narodi I etničke zajednice*. Beograd, 1984.
- Wurfban, A. *Le change Greco-bulgare des minorites ethniques*. Loussane, 1930.
- „Дело“. *Етнографска проматрања*. Београд, 1912.

- Dirkem, E. *Pravila sociološke metode.* Savremena škola. Beograd, 1963.
- Димевски, С. *Историја на македонската православна црква*. Македонска книга. Скопје, 1989.
- Димевски, С. *Митрополитот скопски Теодосиј - живот и дејност (1846 - 1926)*. Култура. Скопје, 1973.
- Диневъ, А. *Етнографската идея на Македонските Славяни*. София, 1940.
- *Добромирово евангелие. Кирилски споменик од XII век*, том 1 (приредил Моше Алтбауер). МАНУ. Скопје, 1973.
- Дого, М. *Динамитот и полумесечината.* Македонска книга, Скопје, 1990.
- Доклестиќ, Љ. „Српско-македонските односи во XIX век". *Нова Македонија*. Скопје, 1973.
- *Државен архив на Република Македонија (1951 - 2016)*: *Монографија.* Скопје, 2016.
- Галон, С. *Политички извештаи на италијанските конзули во Битола (1895 - 1916)*. Битола, 2004.
- *Географија за средње школе*, израдио Драгашевић. Државна штампарија. Београд, 1871.
- Gianneli, C. - Vaillant, A. *Un lexique macedonien du XVI siècle*. Pris, 1958.
- Ђоровић, В. *Илустрована историја Срба*, књига прва. Политика, Народна књига. Београд, 2005.
- Gross, A. „Rases of Eastern Europe". *The Daily Telegraph Map*, No. 25. London, 1918.
- *Ecclesiastical Histori, a History of The Churh*, from A.D. 324 to A.D. 440. London, 1846.
- Елис, Џ. Р. *Македонскиот империјализам*. Мисла, 1988.
- *За македонскиот јазик: Посебни изданија на ИМЈ „Крсте Мисирков"*. Скопје, 1978.
- Здравева, М. *Македонскиот XVIII и првата половина на XIX век*. ИНИ. Скопје, 2014.
- Златарски, В. *История на Българската държава през средните векове*, том I. София, 1971.
- Зографски, Д. - Абаџиев, Ѓ. - Митрев, А. - Керемидџиев, М. НИП „Илинден". Скопје, 1951.
- Зографски, Д. *Одбрани дела*, кн. 3. Скопје, 1986.
- Жежов, Н. *Македонското прашање во југословенско-бугарските дипломатски односи (1918 - 1941)*. Скопје, 2008.
- Ивановъ, Й. *Българетѣ въ Македония*. София, 1915.
- *Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни*, том 2, книга 2. Комунист. Скопје, 1983.
- *Историја на македонскиот народ*, том IV. ИНИ. Скопје, 2000.

- Engels, J. *Macedonians and Greeks*, 2010.
- Јелавич, Б. *Историја на Балканот*. Слово. Скопје, 1999.
- Јовновиќ-Коџа, А. Ј. *Постанак егзархије, Турска, Русија и Србија*. Скопље, 1936.
- Јовановски, Д. *Грчка балканска политика и Македонија (1830 - 1881).* Bato & Divajn. Скопје, 2005.
- Кантарџиев, Р. *Македонското преродбенско училиште.* Студентски збор, Скопје, 1985.
- Карлие, П. „Демостен". *Историја*. Скопје, 1994.
- Carnegie Endowment for International Peace, Division of Intercourse and Education, Publication N0 4, Report of the international Commission To Incure into the Causes and Conduct of the Balkan Wars, Washington DC, 1914.
- Картов, В. *Македонскиот народ и правото на самоопределување (1912 - 1941)*. Култура. Скопје, 1987.
- Кацаров - Кепев, *Документи по Кресненското въстание от 1878 год*., XXXVI 28. Сб. БАНУ. София, 1949.
- Кирил, Български патријарх. *Съпротивата срещу Берлинския договор*. София, 1955.
- Кирил, патриарх български. *Българската егзархия в Одринско и Македония след освободителната война 1877 - 1878*. София, 1969.
- Китевски, М. *Историја на македонскиот народен фолклор*. Гирлнда. Скопје, 2014.
- Кѫнчов, В. *Орохидрография на Македония*. Пловдивъ, 1911.
- Конески, Б. *Кон македонската преродба - македонски учебници од XIX век*, второ издание. Скопје, 1959.
- Конески, Б, *Македонскиот XIX век, јазични и книжевно-историски прилози.* Култура. Скопје, 1986.
- Конески, К. *Зборообразувањето во современиот македонски јазик*. Бо-на. Скопје, 2003.
- Кондаков, Н. П. *Македонскія. Археологическое путешествіе*. Издание Отделенія русскаго языка и словесности Императорской Академіи Наукъ. Санктпетербургъ, 1909. Костов, Г. „Кн Кубрат- създател на Магна Булгария и тайната история на Украина". *Български векове*, 1. 1999.
- Кондовъ, К. „Към Вардар (лични спомени от 1903)". *Независима Македония*, 43. София, 1 февруари 1924.
- Краков, С. „Пламен Четништа". *Време*. Београд, 1930.
- Куев, К. *Черноризец Храбър*. София, 1967.
- Лазаров, И. - Тютюнджиев, И. - Павлов, П. - Палангурски. М. *Кратка история на българския народ.* Ровита, Велико Търново, 2004.
- Лапе, Љ. *Писмата на Гоце Делчев*. Скопје, 1951.

- Ласковъ, Д. Т. *Животъ и дѣйность на св. Климентъ Охридски въ една негова прповѣд*. Св. Синодъ на Българската црква.
- Lebedev V., Souvenirs d'un volontaire Russe dans l'armèe frsnçaise 1914 - 1916. Paris, 1917.
- Lemerle, P. *Les plus anciens recueils des miracles de saint Demetrus*, I. Le texte. Paris, 1979.
- Мажовски, И. Р. *Вѫзпоминани на Исайя Радев Мажовски*. София, 1922.
- Mažuranić, V. *Dodatci uz prinose za hrvatski pravno-povjesni rječnik*. JAZU. Zagreb, 1923.
- Мазовер, М. *Балканот, кратка историја.* Евро Балкан Прес. Скопје, 2003.
- Макаријоска, Л. - Павлеска-Георгиевска, Б. *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција: Називи на лица во македонските средновековни текстови*, Скопје, 2013.
- Македонец Атанас. *Претскажувањата на Голем Александар* (подготовка, предговор и транскрипција Вера Стојчевска-Антиќ). Зумпрес. Скопје, 1996.
- *Македонија и односите со Грција*. Совет за проучување на Југоисточна Европа на МАНУ. МАНУ. Скопје, 1993.
- *Македонски глас (Македонски голос): Органи на привржениците на Македонија 1913 - 1914*. ИНИ. Скопје, 1968.
- *Македонско дело*, бр. 181/1934 год.
- Марковић, М. *Моје Успомене*. Београд, 1906.
- Мартулков, А. *Моето учество во револуционерните борби на Македонија*. Скопје, 1954.
- Матковски, А. *Грбовите на Македонија*. Мисла. Скопје, 1990.
- Матковски, А. *Патописот на Џио Марио Дељи Анџиолело од 1470 година: Македонија во делата на странските патописци*. Мисла. Скопје, 1981.
- Матковски, А. *Македонија во делата странските патописци, 1827 - 1849*. Мисла. 1992.
- Матковски, А. *Македонија во делата на странските патописци 1879 - 1888*. Ѓурѓа. Скопје, 2002.
- Матковски, А. *Македонскиот полк во Украина.* Мисла. Скопје, 1985.
- Меловски, Х. „Москополски зборник, пролошки житија на светците". *Miscelanea byzantine-makedonica*, 1.1. Скопје, 1996.
- Меловски, Х. - Проева, Н. „Македонија во делото *De Thematibus* на Константин Порфирогенит (Makedonien un the *De Thematibus* des VII Porphyrogennetos). *Жива антика*, 37. 1987.
- Мијатовић, Ч. *Деспот Ѓураѓ Бранковић, господар Србима, подунављу и зетском приморју*, прва књига. Државна штампарија. Београд, 1880.
- Милевъ Никола, Охридския архиепископъ Атанаий и скитанията му в чужбина 1597 - 1615, Известия на Историческото дружество в София, 1922, кн. 5.

- Милюков, П. „Война или миръ? IV, Македонская тоќк зрѣнія“. *Речъ*, бр. 26, СПб. 27.01. (9.12.) 1913.
- Миноски, М. *Европските големи сили и македонското прашање 1893 - 1909*. Менора. Скопје, 2020.
- Миновски, М. *Македонија и Бугарија историски соочувања*. Скопје, 2008.
- Миноски, М. „Македонија и македонското прашање во руската политика за теритроијално статус-кво на Балканот (1904 - 1908)“. *Зборник - Македонија и руската политика на Балканот од Берлинскиот конгрес до Првата светска војна*. МАНУ - Руска академија на науките - Институт за славистика. Скопје, 2008.
- Миноски, М. *Македонизмот во илинденската епоха и аргументи*. Ројал арт. Скопје, 2020.
- Миноски, М. *Македонија и Србија (1878 - 1944),* Скопје, 2010.
- Миноски, М. *Пере Тошев*. ДАРМ - Македоника литера. Скопје, 2013.
- Миноски, М. *Соединетите Американски Држави и Македонија 1869 - 1919*. АМ. Скопје, 1994.
- Миноски, М. *Федеративната идеја во македонската политичка мисла*. Мисла. Скопје, 1985.
- Мисирков, К. *За Македонцките работи.* Матица македонска. Скопје, 2006.
- Мисирков, К. *Писма 1911 - 1917* (редактор Растислав Терзиоски). Скопје, 2007.
- Мицов, В. С. *Македонската еманципација на Балканот.* Матица. Скопје, 2013.
- Мокров, Б. „Борба за зачувување на македонскиот јазик низ цариградските весници од средината на XIX век“. *Погледи*, XIII/6. Скопје, 1976.
- Мокров, Б. *Развојот на македонскиот печат и новинарството*. Скопје, 1980.
- Моловь, В. „Пътни бележки София - Цариградъ, Св. Гора, Солунъ, Враня“. *Периодическо списание на Българското книжовно дружество въ Средецъ*, XXVIII - XXX, XXXI.
- Moore, F. *The Macedonian committees and Insurarection: The Balkan question, the present condition of the Balkans and European responsbilities*, *by various writers by Luigi Vilari*. London, 1905.
- Накратзас, Г. *Тесното племенско сродство на денешните Грци, Бугари и етничките Македонци.* Битола, 2004.
- Новаковић, С. *Балканска питања и мање историско-политичке белешке о Балканском Полуострову, 1886 - 1905*. Београд, 1906.
- *The new larned history*, vol. I. - A, to BALK., C. A. Nichols publishing, 1922.
- Nurigiani, G. *Macedonia nel pensiero italiano*. Casa Editrice Ausonia. Roma, 1933.
- Огњановиќ-Лоноски, Р. *Галичник и Мијаците* (приредиле: Оливера Јашар-Настева и Тодор Димитровски). Скопје, 2004.

- Острогорски, Г. *Историја Византије*. Просвета. Београд, 1969.
- *Очеркъ путешествія по Европейской Турціи (съ картою окрестностней охридскаго и преспанскаго озеръ) Виктора Григоровича*. Изданиіе второе. Москава, 1877.
- Ошлис, В. *Гермакедонија: Студии за македонско-германската заемност низ вековите*. Македоника литера. Скопје, 2012.
- Панов, Б. *Средновековна Македонија*, 3. Мисла,Скопје, 1985.
- Пасков, Р. *Борис Сарафов, 1872 - 1907*. София, 1996.
- Pavlović Milivoj, Najstariji makedonsko-plemenski nazivi I principi nastanka etnoniima, МАНУ, Четврто заседание на меѓународната комисија за словенска ономастика, Скопје, 1971.
- Пангулевская, Н. *Сирийские источники по истории народов СССР*. Москва - Ленинград, 1941.
- Пандевски, М. Д. *Внатрешната македонска теволуционерна организација и неоврховизмот 1904 - 1908.* Култура. Скопје, 1983.
- Пасиос, Т. *Историја на македонското движење*. Матица. Скопје, 2010.
- Петрушевски, И. *Македонија на стари мапи.* Детска радост. Скопје, 1992.
- Попъ Филиповъ, Н. „Село Банско, Окръжие, Разлогъ“. *Македония*“, бр. 19, II/9. Цареградъ, 6.4.1868.
- Поплазаров, Р. „Востанието на Караташо од 1854 година“. *Историја*, бр. 1-2. Скопје, 1976.
- Попов, Д. - Божилов, И. *Историја Бугарске*. Клио. Београд, 2008.
- Поплазаров, Р. *Санстефанска фикција и посебноста на Македонија*. Култура. Скопје, 1978.
- Поповски, В. *Руската и советската надворешна политика и македонското прашање (од крајот на XVIII век до четвртатат деценија на XX век).* Макавеј. Скопје, 2013.
- *Програмски и статутарни документи на Внатрешната македонска револуционерна организација (1904 - 1908)*. Скопје.
- Проева, Н. *Делакулонш, лулката на македонската државност*. Скопје, 2000.
- Проева, Н. *Историја на Аргеадите*. Графотисок. Скопје, 2004.
- Проева, Н. *Студии за античките Македонци*. Скопје, 1997.
- Проева, Н. *Триптих за македонскиот идентитет*. Скопје, 2018: 18; Fridman, V. „Macedonian Language and Nationalism“. *Balcanica*, II. 1975.
- Поповић, Д. Ј. *О Цинцарима: Прилози питању постанка нашег друштва*, Београд, 1937.
- Пулевски. Ѓ. М. *Славјанско-маќедонска општа историја* (подготовка: Блаже Ристовски и Билјана Ристовска-Јосифовска). Скопје, 2003.
- Радоњић, Ј. *Римска курија и јужнословенске земље од VI до XIX века*, Београд.

- Радонић Ј. - Костић, М. *Српске привилегије од 1690 до 1792*, Посебна издања, ССХХV, Нова серија. књ. 10. САН - Оделење друштвених наука Београд, 1954.
- Радуле, Ѓ. *Историја на Македонија*. Софија, 1997.
- Раздоловъ, А. *Бъдещото на Балканския полуостров*. Варна, 1914.
- Рацин, К. С. *Значението на Илинден: Избрани дела: Проза и публицистика*.
- Рацин Кочо, Стихови и проза, Уредил д-р Алаксандар Спасов, Скопје, 1977
- *Речник од три језика с. македонски, арбански и турски*, књига II. Написао Ђорђе М. Пуљевски, Мијак Гаљички. У Београду државној штампарији Таб Олупмиш 1875.
- Ристовски, Б. *Димитрија Чуповски, 1878 - 1940*. Скопје, 1978.
- Ристовски, Б. *Историските основи на Македонската академија на науките и уметностите*. МАНУ. Скопје, 2017: 7; Стојановъ, М. *Българска възрожденска книжница*, I.
- Ристовски, Б. *Македонскиот народ и македонската нација*, I. Скопје, 1983.
- Ристовски, Б. *Македонската нација*, 1. Мисла. Скопје, 1983.
- Ристовски, Б. *Македонистот Петар Драганов 1857 - 1928*. Матица. Скопје, 2007.
- Ристовски, Б. *Македонски работи.* МАНУ. Скопје, 2013.
- Ристовски, Б. *Појави и процеси од македонскиот културно-национален развиток*. Матица. Скопје, 2015.
- Ристовски, Б. *Портрети и процеси од македонската литературна и национална историја*, I. Скопје, 1989.
- Ритихъ, П. А. *По Балканамъ*. С. Петрбургъ.
- *Русински Никола Петров: Спомени* (предговор, редакција и коментар Даринка Пачемска-Петреска и Војо Кушевски). Скопје, 1997.
- Светозаревиќ, Б. *Српската и бугарската црковно-училишна пропаганда во Тетово и Тетовско, 1860 - 1903*. АМ, Матица македонска. Скопје, 1996.
- Светозаревиќ-Покорни, Б. *Тивкиот фронт на Виктор Аќимовиќ*. Академски печат. Скопје, 2019.
- Силяновъ, Х. *Освободителнитѣ борби на Мкедония*, томъ втори. София, 1943.
- Синадиноски, Д. *Етимолошки преглед на тетовско Бревно*. Детроит, 2021; Синадиноски, Д. *Етимолошки преглед на Повелбата на крал Душан за црквата Света Богородица Тетовска*. Детроит, 2018.
- Славеска, Л. *Етногенезата на македонскиот народ континуитет и традиција*. Матица Македонска. Скопје.
- Славеска, Л. *Македонска генеза*. Матица Македонска и Фондација „Рамковски“. Скопје, 2008.
- Смит, Д. Е. *Потекло на нациите*. Ars studio. Скопје, 2016.

- Снѣгаровъ, И. „Од падането и под Турците до нејното унищожение (1394 - 1767)“. *История на Охридската архиепископия*, том 2. София, 1995.
- Spencer, E. *Travels in European Turkey*, in 1850, *Through, Bosnia, Servia, Bulgaria, Macedonia, Thrace, Albania, en Epirus, with a visit to Greece and Ionian isles*. London, 1851.
- *Спомени*: *Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев.* Скопје, 1995.
- Стаматоски, Т. *Во одбрана на македонскиот литературен јазик.* Скопје, 2001.
- Станоевски, Ц. *Како ја видоа Македонија*. Македонска книга. Скопје, 1978.
- Стојчев, В. „Лондонскиот балкански комитет и МРО од 1903 до 1907 година“. *Годишен зборник*, 1, 37, 1-2. *ИНИ* Скопје, 1993.
- Стојчев, В. - Стојчев, А. *Букурешкиот договор и поделбата на Македонија во 1913 година*. ИНИ. Скопје, 2013.
- Таковски, Ј. *Македонска терминологија: Терминологија од областа на теологијата.* МАНУ. Скопје, 1999.
- Ташковски, Д. *Раѓањето на македонската нација*. Нова Македонија, 1966.
- *The Historical Geography od Europe*, second edition. London, 1882.
- Thukydides, The Peloponnesien War, Oxford World’s classics.
- Тодоровски, Г. „Весникот *Македонија* на Коста Шахов“. *Разгледи*, VII, 19. Скопје, 1965: 1003-1004.
- Тодоров, П. *Погромите на България*, том I. София, 1930.
- Тодоровски, Г. *Претходниците на Мисирков.* Скопје, 1968.
- Тодоровски, Г. *Трактати за сонцељубивите.* Скопје, 1974.
- Тодоровски, Т. *Македонија - настани, личности и дела*. Матица македонска. Скопје, 1999.
- Тодоровски, Т. *Спомените на Мажовски*. Скопје, 1972.
- Трајановски, А. *Црковната организација во Македонија и движењето за возобновување на Охридската архиепископија од крајот на XVIII и во текот на XIX век - до основањето на ВМРО*. ИНИ. Скопје, 2001.
- Тодороска, К. - Јордановски, К. Македонски буквар. Менора. Скопје, 2008.
- Трајановски, А. *Црквоно-училшните општини во Македонија*. ИНИ. Скопје, 1988.
- Troebst, S. *Die bulgarisch-jugoslawische Kontroverse um Makedonien 1967 - 1982*. München, 1983.
- Finka, B. „Makedonsko ime u staroj hrvatskoj kajkavskoj književnosti“. *Македонски јазик*, XXXII-XXXIII, 1981-1982. Skopje, 1982.
- Hegel, G. W. F. *Lectures on the Phisosophy of Word History: tr. H. B. Nisbet Cambridge*. 1975.
- Хобсбаум, Е. *Нациите и национализмот* по 1780 год. Култура. Скопје, 1993.

- Хрон, К. *Народноста на македонските Словени*. Архив на Македонија. Скопје, 1966; Hron, K. *Das volksthum der Slaven Makedoniens*. Wien, 1890.
- Христов, С. *Мојот американски аџилак*. Кочо Рацин. Скопје, 1953.
- Цанков, А. *Македонското прашње и Балканскиот сојуз*. Скопје, 2008.
- *ЦК на ВМРО (об.): Предавниците на македонското дело.* Култура. Скопје, 1983.
- Цветковска, Н. - Карапеева, В. *Манифестациите на македонскиот идентитет во Кралска Југославија (1918 - 1941): Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010.
- Цвијић, Ј. *Македонски Словени: Проматрања о етнографији македонских Словена.* Београд, 1906.
- Цвијић, Ј. „Метанастазичка кретања, њихови узроци и последице". *Насеља и порекло становништва*. Београд, 1922.
- Цепенков, М. К. *Македонско народно творештво* (материјали, литературни творби), книга 10 (редактирал Блаже Ристовски). Скопје, 1972.
- Црвенковска-Ристеска, И. „Антрополошки поглед врз процесот на создавање на македонскиот национален идентитет во периодот на преродбата, пред и по Илинденското востание (1903). *Антропозум*, 3. Скопје, 2003.
- Џамбазовски, К. *Културно-општествените врски на Македонците во Србија во текот на XIX век.* ИНИ. Скопје, 1960.
- Чакарјаневски, Ѓ. *Главниот штаб и државноста на Македонија (1941 - 1945)*. ИНИ. Скопје, 2001.
- Чакарјеневски, Ѓ. *Националниот идентитет на Македонците низ бугарските окупаторски документи во текот на Втората светска војна: Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010.
- Чоловиќ, И. *Балканот - терор на културата*. Слово. Скопје, 2012.
- Џинго, Т. *Велика Британија и Балканот (1919 - 1941)*. Арс студио. Скопје, 2016.
- Џонстон, А. Џ. *Мојот балкански дневник* (избор и превод д-р Влдимир Цветковски). Скопје, 2009.
- Шеј, Џ. *Македонија и Грција, битката за дефинирање нова балканска нација.* Макавеј. Скопје, 2002.

- Avramovski, Ž. „O stavu jugoslovenske vlade prem devetojunskom prevrtu u Bugrskoj 1923 godine: Istorija XX vek“. *Zbornik radova*, t. IX. Beograd, 1968.
- Антолјак, С. „Военоадминистративната организација на македонските склавинии“. *Историја*, бр. 2. Скопје, 1983.
- *Арбајтен цајтунг* „Третиот Рајх на Балканот“, Виена, 8.1.1933. *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 236-241.
- Арнаудовъ, М. *Константинъ Стоиловъ и Българската Егзархия въ 1882 год. Годишникъ на университета Св. Климент Охридски*, том XXXVII. София, 1941.., 13 - 23.
- Арсовъ, П. „Произходъ на революционното движение въ Македония и първите стѫпки на солунския Комитетъ за придобиване политическитѣ права на Македония дадени и отъ Берлинския договоръ“. *Бюлетинъ*, бр. 8. София, 19.7.1919.
- Атанасовски, А. *Македонија и Македонците во делото на Никифор Григора - византиски историограф од XIV век*. СГУ, Научнъые публикации, факультета Всеобщая история, *Славянски сборник* (ВЫПУСК 6).
- Аћимовић, В. „Отворено писмо Николи Вулићу, академик, Београд“. *Јужна стварност*. Тетово, 1.12.1939.
- *Балкански гласник*. Београд: 7.7.1902, 1.; 18.8.1902; 20.7.1902.
- *Български новини*, „Разбираме ли се?“ Хопкинс (САД), 1, 6. 20.5.1905.
- Българска възражденска книжнина. Аналитичен репертоар на бъгарските книги и периодични издания 1806 – 1878, I, Съставил д-р Маньо Стоянов, София, 1957.
- *Билтен*, бр. 3, 30 септември 1940; 3; 1-2. Јануари - февруари 1942.
- Бистришки, *Защо сме ние Македонците отделна нација*? Мак. нар. съюз в Америка, 1934.
- Bérard, V. *La turquie et L'hellénisme conteporain: La Macédoine*. Paris, 1904.
- Бојаџиски, М. *За Македонците запишани во американските имиграциони тефтери (1900 - 1949)*, marpedia.blogspot.com, 2. August 2020.
- Борисов, Д. *Теодосиј Гологанов - скопски митрополит (1885 – 1892): Прилози за историјата на Македонија и македонската култура*. МАНУ. Скопје, 2021.
- Barleti, M. *Historia de vita et gestis Scanderbegi Epirotarum principis*. 1508.
- Бошкоски, М. „Македонската античка и средновековна тардиција, одразена во идеите и симболите од илинденскиот период“. *Гласник*, 1-2. ИНИ. Скопје, 2003.
- *The Brooklyn Dayly Eagle.* Brooklyn, New York, 2 Aug 1890.
- Булатова, Р. В. „Первій исследователь язика македонских славян Л. Г. Мазинг (1845 - 1936)“. *Македонски јазик*, XXXII-XXXIII, Скопје, 1982: 63-73.

- Будилович, А. „Во што се состојат основните тешкотии на македонското прашање?“ *Журнал: Известија Санкт-Петерсбургского Славјанского Благотвориелного обштества*, 1902, *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје, 2017: 391-401.
- *Вардар*, 1. Одеса, 1905.
- *Вардарски зборник*, 4. САНУ. Београд, 2005.
- *The Washington Times*, maj 1903; Macedonia: s *True Endless Story*… 18 јули 2019; April 26, 1903.
- Бойчева, В. *Българското възрожденско училище: Култура, църква, и революция, през въздраждането.* Сливен, 1995.
- *Време*, „Двадесетгодишњица Америчко-словенског друштва“. Београд, 6.7.1943.
- *Време*. „Декларација генерала Протогерова“. Београд, 9.3.1925.
- *Време*. „Легална и нелегална ВМРО, Михајлов у служби мафије политичких џелата“, Београд, 20.2.1931.
- *Време*. „Лондонски *Тајмс* о Радићу: Акција Треће интернационале на Балкану“. Београд, 13.7.1924.
- *Време*. „Споразуми Стјепана Радића“.Београд, 1.10.1924.
- Босотова, Љ. „Нашите краишта и луѓе во биографијата на Скендербег од Марин Барлети“. *Историја*, год. X, бр. 1. Скопје, 1974.
- Valiant, A. „Le probleme du slave macedonien“. *Bulletin de la societe de linguistique de Paris*, 39, 2, n. 116. Paris, 1938.
- Вардарски (Петар Поп Арсов), *Стамболовщината въ Македония и нейните прѣтставители*. Виена, 1894.
- *Вѣкъ*, бр. 41. 19.10.1874.
- *Вест Аустралиан*. „Грци Македонци“, 21.4.1939, *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 114-115;
- *Вестерн мејл*. Перт, 1.2.1908: 44, *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 78-79; „Революционерен водач“.
- Георгиевски, К. „Од животот на охридско-пловдискиот митрополит Натанаил и дел од неговата кореспонденција со Охрид зачувана во оставнината на Јанаки Стрезов“. *Историја*, 2. Скопје, 1974.
- Георгиевски, М. „Печатарска дејност на македонските печатари од XVIII во Романија“. *Гласник*, 1-2. ИНИ. Скопје, 1995.
- *Гласъ Македонски*, 1, 1898.
- *Глас Српства*. Београд, 31.7.1902.
- *Глобус*, бр. 101 од 24.3.2009: 28.
- *Гражданинь*. Петроградъ, 16.12.1912: 3-5.
- Dedijer, V. *Interesne sfere*. Beograd, 1980.

- *Дејли Њус* „Турци и Македонци - пораз на првите“. Перт, 29 октомври 1896: 4. ДАРМ. *Македонија во странскиот печат*. Скопје; *Дејли њус*. „Султанот на Турција - обид за атентат, Македонци и Бугари осомничени“. Перт, 26.7.1905. *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 70-71.
- *Дело: О македонским Србима*. Београд, 1912.
- Димевски, С. „Две писма на Ефтим Спространов до бугарската Влада“. *Разгледи*, XV (XXI): 1-2 (300-01). 1973.
- Димевски, С. „Еден извештај за македонсистичката дејност на Македонската студентска група во Петроград“. *Разгледи*, X, 3. 1967.
- Димевски, С. *Македонските општествено-културни текови во феудализмот*.
- Димевски, С. „Некои форми на здружување на македонското граѓанство и интелигенција во 80-тите години од XIX век“. *Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања*, III/1. Скопје, 1977: 195
- Димевски, С. „Приврмена влада на Македонија.“ *Разгледи*, XV, 1-1. 1973: 172-175, 178-180.
- Димевски, С. „Обидите на Крсте Мисирков и на Македонското студентско друштво во Петроград за издејствување автономија на Македонија во рамките на Турската Империја“. *Зборник „Крсте Мисирков“: Научен собир посветен на 40-годишнината од смртта*. Скопје, 1966.
- Димевски, С. „Присуството на Теодосиј Гологанов во развојот на македонската национална мисла во епохата на национално-револуционерното движење“. *Гласник*, 2. ИНИ. Скопје, 1976.
- Димитровски, З. *Публика* (политички магазин). Скопје, 11.12.2010.
- Димитриоски, Т. „Македонците не се една, туку голем број етнички заедници, кои се идентификувале како Македонци“. *Пелагон.* 18 септември 2021. www.pelagon.mk.
- Димов, Н. Д. *Исторический очерк Македонии и македонских славян* (фототипно издание). Петербург, 1913.
- Добрев, П. „Произходът, прародината на древните Българи в светлината на комплексните данни“. *Български векове*, 1. София, 1999.
- Дого, М. „Претставите за Македонија на запад во XIX и XX век“. *Гласник*, 1. ИНИ. Скопје, 1987.
- Донев, Ј. *Некои теоретско-методолошки размисли*..., 139.
- Доровски, И. „Капитоли на чешко-македонските културни односи“. *Гласник*. ИНИ. Скопје, 1968.
- Доровски, И. „Фаитовиот придонес за познавањето на Македонија“. *Историја*, 1. Скопје, 1972.
- Драгановъ П., Къ вопросу о населеніи современой Македониіи, С. Петербургкія Вѣдомости, N 200, С. Петербургъ, 24.VII.1900.
- Ћорђевић, Т. *Македонија*. Београд, 1929.

- Ђорђевић, Т. Р. „Око Македоније“. *Србобран*, бр. 412. 31.8.1917.
- Ѓорѓиев, В. *Афирмација на македонската борба и идејата за автономија на Македонија пред мирцштешките мандатори: Ослободителните борби на Македонија од Источната криза до Балканските војни*. София, 2016: 148.
- Ѓорѓиев, В. *ВМРО 1893-1903: Поглед низ документи*. Скопје, 2013.
- Ѓорѓиев, В. „Неофицијални ставови од официјални бугарски личности и институции за македонскиот идентитет од крајот на XIX и почетокот на XX век“. *Годишен зборник*. УКИМ. Скопје.
- Ѓорѓиев, В. - Саракински, В. *Христифор Жефаровиќ: Минатото во функција на националните идеологии*. Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Струмица. Струмица, 2020.
- Единъ глас за всичка Македониа“. *Македонія*, IV, 60, 23.6.1870.
- *The Evening News*. Edinburg, Mart, 14 1931.
- „Един Македонец, Мнѣние за рѣшавание Македонския въпросъ“. В. *Македонія*. г. I, бр. 36. София, 19.8.1889.
- Ecclesiastical Histori, a History of The Chush, From A.D. 324 to A.D. 440, London, 1846.
- *El Correo Español*. Madrid, nom. 2069, julio 1895.
- *El Globo*, 16 de augusto 1903.
- Еничеревъ, Н. Г. „Г. Шапкаревъ за Прилепъ и Охридъ“. *Български преглед*, 7-8. София, 1897.
- *Жиснеописание титрополита охридско-рловдискаго Натанаила*. СНУК, кн. XXV. София, 1909.
- Загоркиња. Београд, 1899.
- Зајковски, П. *Гробарите на славната македонска нација*. Македонско дело. Скопје, декември 1998.
- Здравева, М. „Видни личности од Македонија во австриските земји во XVIII и првата половина на XIX век“. *Гласник*, 1. ИНИ. Скопје, 2000.
- Здравева, М. „Подем на Словенството во XVIII век и дејци од Македонија во словенската книжевност“. *Гласник*, 37, 1-2. ИНИ. 1993.
- Зоговиќ, С. „Воено-политичките односи на Ромејското Царство со склавиниите низ Македонија (VI - VII век)“. *Зборник: Меѓународна научна конференција „Македонија и соседите“*. Универзитет „Св Кирил и Методиј“. Скопје, 2010.
- *Ивнинг њус*. „Убиен македонски водач“, Сиднеј, 27.5.1903: 5. *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје.
- *Inscruptiones Graecae*, Vol. X, Pars II, Fasciculus II, Berolini, Novi Eboraci MIM.
- J. M. „Macedonian Rising“. *Daily News*. London, August 12. 1903: 12.
- Јанковиќ, С. „Одглас на Илинденското востание во скандинавскиот печат“. Гласник. ИНИ, XXIII/2-3, 1979: 42.

- Јовановски, Д. „Пред Коминтерната“. *Зборник на трудови од Научната конференција одржана на 13 и 14 декември 2016 во Скопје*: *70 години Институт за национална историја*. УКИМ - ФЗФ. Скопје, 2017.
- Јовановски Д. - Додевска, И. „Свртување кон средновековното минато - случајот на Грција, политика, идентитет, Историја, образование, територија, Византиската мисионерска дејност и европското наследство“. *Зборник на трудови од Четвртиот меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I“*. Универзитет „Евро-Балкан“. Скопје, 2017.
- Јовановски, Д. *Јане Сандански и автономијата на Македонија - грчки погледи од август 1908 година: Ослободителните борби на Македонија од Источната криза до Балканските војни*. БАН. София, 158-159.
- Jovanovski, D. *The Slow Discovery of the Macedonians*. UDK. Skopje: 113-114.
- Юоношеский. „Интелигенцию! Черно да ти е лицето!“. *Македония*, г. III, бр. 7. София, 23. II 1891.
- *Ивнинг њус*. „Реквием во Софија“. Сиднеј, 7 април 1903: 6. *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 36-37.
- Йовковъ, А. „Македонскитѣ организации“. *Пиринъ*, бр. 19. София, 17 февруари 1924.
- Свещ. Юр. Ангеловъ, „Спомени околу издавањето на книгата ’Що сме напрайле и що треба да парайме‘ од К. Мисирков на македонски език“. *Македонско знаме*, 61, София, 9.9.1946.
- Карапетровъ, К. П. *Неколку думи за българската черква в Цариградъ*. София, 1892.
- Карасек, Ј. „Неколку зборови за Македонија и Македонците“. *Slovenski pregled.* 1903.
- Караџић, В. *Српски рјечник*. Београд, 1935.
- Картов, В. „Специфичните особености на просветната политика на владеачките режими на Кралството СХС, односно Југославија спрема македонскиот народ (1918 - 1941)“. *Историја*, 1. Скопје, 1975.
- Катарџиев, И. „Параноичен страв од култивирање н македонските дијалекти“. *Македонско време*. Скопје, декември 1998.
- Катарџиев, И. *Погледите на ВМРО (обединета) за ослободување на Македонија одразени во резолуцијата на Првата конференција 1929 година: Историја*, 2. Скопје 1973.
- Киняпина, Н. С. *Балканы и проливы во внешней политике России в конце XIX века (1978 - 1898)*. М. 1994.
- Кирилов, „Македонските револуционерни организации во Бугарија и Турција“. *Журнал Рускии Вестник*, 1903, *Македонија во странскиот печат*..., 406-425.

- Кирјазовски, Р. „Внатрешно-партиската дискусија во КПГ по македонското национално прашање меѓу III вонреден конгрес и III редовен конгрес на КПГ (март 1927)“. *Историја*, 2. Скопје, 1973.
- Кирјазовски, Р. *Оцени на Комунистичката партија на Грција за карактерот на Балканските војни: Македонија во војните 1912 - 1918*. Скопје, 1991.
- Кирков. „Македонско сознание“. *Македонски вести*, бр. 43. 12.2.1936.
- Ковачевић, Љ. *Велес*. Браство. Београд, 1887.
- Ковијанчић, О. „Павлу Јулинцу I“. *Зборник Матице српске и књижевност и језик*, I. Нови Сад, 1954.
- Ковијанчић, Р. „Срби који су учили у Словачкој (XVIII - XIX)“. *Зборник Матице српске и језик*, књ. XIX, св. III. Нови Сад, 1971.
- Козъменко И. В., Сборник договоров России с другими государствами, 1856 – 1917, Век Екатеринъı II. Росия и Балканъı, М. 1998.
- Comyn-Platt, T. *The Turk in the Balkans*. London, 1904.
- Конъ, А. „Македонское блюдо на славянскомъ обѣдъ“. Въ *Вѣнѣ*, *Граѓданинъ*, 37. С-Петербургъ, 16.9.1912.
- Conversations with M. Thhrirs, M. Guzizot, and other distinguished persons, during the second empire, London, 1878.
- Korey, H. „On the Monastir road“. *The National Geographic*. Washington, May 1917, Vol. XXXI.
- Кулишев, Г. „Духовно единствени, политички разделени“. *Македонија*. Софија, 10.3.1927.
- Кушевски, В. - Кушевски, П. „На монастирскиот пат“, една дописка од Солунскиот фронт од Херберт Кори во американското списание *The national Geographic Magazine*. *Историја*, 2. Скопје, 1974.
- Кушевски, В. „Обидите за поставување на македонското прашање во Друштвото на народите во 1920 - 1921“. *Историја*, 2. Скопје, 1967.
- *La Epoca*. Madrid, num. 11.923, 26 de seitembre de 1885.
- Лапе, Љ. „Една акција во Швајцарија за зачувување целоста и независноста на Македонија“. *Историја*, 2. Скопје, 1983.
- Лапе, Љ. „Ехото на илинденските настани во извештаите на српските дипломатски претставници во Бугарија“. *Гласник*, XVIII/2. ИНИ. 1973.
- Лапе, Љ. „Од кореспонденцијата на Димитар Поп Георгиев Беровски со Стефан Веркович во Серес“. *Историја*, 2. Скопје, 1974.
- Лапе, Љ. „Статија на Крсте Мисирков од 1914 година.“ *Историја*, 1. Скопје, 1965.
- „Les questions actuelles de politique étrangére en Europe“. *Conferences organisees á la Société des anciens éleves de l' École libre de Scinenee politique*. Paris, 1907.
- *L'Independence Macedoniene*, 16.10.1919.

- *Лоза*. София, 1/1, 1892: 1-3.
- Љоровски-Вамваковски, Д. „Грчката *мегали идеја* и османлиска Македонија - појава, дилеми и флуктации“. *Гласник*. ИНИ. Скопје, 2012.
- Љоровски, Д. „Спорот за името меѓу Македонија и Грција: Македонскиот идентитет и употребата на терминот ’Македонец‘ во делот на Македонија под Грција“. *Втора меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“*. Штип, 2015.
- *Македония*. Русе (ур. К. Шаховь), 21.10.1888.
- *Макединія*, I, 12. Цареградъ, 18.2.1867.
- *Македоня*, „Въ паметъ на незнайния македонски четникъ“, VII, 1811. София, 3.11.1932.
- Македонія, В. „Един Македонец“. *Мнѣние за рѣшавание Македонския въпрос*ъ, г. I, бр. 36. София, 19.8.1889.
- *Македонска правда*, „Положението въ Петричкия Окржгъ“, 1, 17. София, 31.12.1933; „Нашиятъ пжть“, 3.9.1933.
- *Македонски архивист, Писмо од Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ: АСНОМ 1944 - 1984*. Скопје, 1984: 21-23.
- Македонско дело. София, бр. 10/1925; бр. 48, VIII, 1926.
- „Нашата задача“. *Македонски вести*, бр. 1. 20.5.1935; 15.7.1936: 1.
- *Мале новине*. „Утисци из Софије“. Београд, 5.1.1903.
- Матковски, А. *Македонија во делата на странските патописци 1903 - 1904*. Ѓурѓа. Скопје, 1987.
- Матковски, А. *Македонија во делата на странските патописци*. Ѓурѓа. Скопје, 2009.
- Матковски, А. - Ангелкова, П. „Патувањата на францускиот патописец Пол Лука низ Македонија од 1704 - 1714 година“. *Историја*, 2. Скопје, 1969.
- *Маћедонија*. Београд, 18.4.1904.
- Меловски, Х. - Проева, Н. „Македонија во делото *De Thematibus* на Константин Порфирогенит (Makedonien un the *De Thematibus* des VII Porphyrogennetos). *Жива антика*, 37. 1987.
- *Меркјури*. Хобарт. *Македонски злокобности*. 25 септември 1895. *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 12-13; *Меркјури*. Хобарт, 16.12.1907: „Убиени Македонци - Паница во бегство“.5, *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 74-75;
- *Меркјури*. Хобарт, 1.9.1903, „Илјада убиени Македонци“. *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје, 62-63.
- *Миладинов Константин*: *Избор* (избор и предговор Гене Тодоровски). Скопје, 1980.
- Миљковић, Љ. *Отаџбина, 84*. Београд, 1888.

- Миљовски, К. *Со Кочо за македонскиот јазик, нација, историја, Кочо Солев Рацин: Избрани дела: Сеќавања на современиците* (избор, редакција и предговор Перо Коробар). Скопје, том 2.
- Милојевић, Б. Јужна Македонија, „Насеља и порекло становништва“ (књига 11). *Српски етнографски зборник* (књига XXI). Београд, 1921.
- Миневски, Б. *Фокус*, бр. 735, 31.7.2009.
- Минов, Н. *Балканските пропаганди во османлиска Македонија: Прилози за историјата на македонската култура*. МАНУ. Скопје, 2021.
- Миноски, М. „Врските на охридскиот архиепископ Гаврил со Австрија“. *Гласник*. ИНИ. Скопје, 1973.
- Миноски, М. „Два документа за акцијата на прилепчани од 1887 година на македонското народно училиште и самостојна црква“. *Историја*, 2. Скопје, 1983: 325-330.
- Миновски, М. „Новооткриени документи за револуционерната дејност на Димитар по Георгиев Беровски“. *Гласник*, 3. 1973.
- Миноски, М. „Ставот на Русија спрема македонското прашање на Цариградската конференција 1876 година“. *Зборник - Македонско-руски врски.* Скопје, 1996.
- Миронска-Христовска, В. „Мотивот слобода во македонските преродбенски творби“. *Ослободителните борби на Македонија.* БАН. София, 2016.
- Мисирковъ, К. „Македонска култура“. *Мир*ъ, XXX, 7155. София, 19.4.1924.
- Митрова, М. *За македонскиот идентитет: Српски дипломатски извештаи (1903 - 1913), Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010.
- Митрова, М. „Територијалното проширување на Кралството Србија низ призмата на Александар Белиќ: ’Србите и Бугарите во Балканскиот сојуз и во меѓусебна војна‘.“ *Гласник*, 60, 1. ИНИ. 2016.
- Михайловъ, Д. „Историческият съборъ“. *Родина*, VII, 4 и 5. София, 1933.
- Михајлов, М. *Методија Шаторов Шарло за македонскиот идентитет*; *Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010.
- Младеноски, Р. „Односот кон македонистите од XIX век кон античка Македонија“. *Годишен зборник*, 2013. Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“. Штип, 2013: 73-81.
- *Неделен весник,* „Три храбри сина на македонскио народ“, бр. 11. 3 август 1942.
- Најденов, П. „Македонска волја“, додаток на весникот *Народна волја*, септември - октомври.
- Nassav Wiliam senior. *Conversations*. London, 1878.
- *Нова Македонија*, 7744. Скопје, 5.5.1968: 8. „Сами ние да се бориме за наша Македонија“ (необјавено писмо на Никола Карев до Гоце Делчев.)

- Новаковић, К. *Македонија Македонцима! Земља земљорадницима!*. Чачак, 1966.
- Новаковић, С. „Божидара Вуковића, зборници за путнике издања позната и непозната“. *Гласник*, XLV: 133-134.
- Новаковић, С. „Управа и организација бугарског просветног покрета у Македонији. Противници тог покрета“. *Отаџбина*, XIX. 1888.
- *Нувел Маседониен,* 2019: 536-537, *Македонија во странскиот печат*, том 2. Скопје, 5.9.1926.
- *Њујорк тајмс*. „Масовни погубувања во Македонија“, 12 мај 1901, *Македонија во странскиот печат*..., 456-457.
- *Њујорк тајмс*. „Плановите на Македонците: Дописникот стапува во контакт со бунтовничкиот водач“. 21 октомври 1903, *Македонија во странскиот печат*..., 508-509.
- *Њујорк тајмс*, 2 мај 1903, *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје: 36-37.
- Овенс енд Марej Адвертајзер, Бичворт (Австралиска новинска агенција), „Македонско востание“, 24 мај 1879, 4, *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје, 12-13.
- *Obzor*, 189. 27.3.1903, „Narodni ustanak u Makedoniji“.
- *Omaha Daily Bee*. Nebraska, 14 nov. 1905.
- *Отаџбина, законодавство и владаоци српски XIV века*. 5.1.1888.
- Пандевски, М. „Првата биографија на Јане Сандански од В.В. Водовозов“. *Историја*, 2, Скопје, 1970.
- Панов, Б. М. *Македонија и Македонците во византиската историографија (VI - XI век) - перцепција, претстава, конструкција: Македонскиот идентитет низ историјата.* ИНИ. Скопје, 2010.
- Панов, М. Б. *Политичко-идеолошките традиции на Самоиловата држава: Прилози за историјата на Македонија*. МАНУ. Скопје.
- Панов, Б. „Николај Н. Дурново за македонското прашање“. *Историја*, 2. Скопје, 1968.
- Панов, Б. М. „Солун за време на владеењето на Максимијан Галериј“. *Гласник,* 41. ИНИ. 1997.
- Panova-Ignjatovik, T. *The British travel writers on the macedonian cultural identity*. Sv. Cyril and Methodius, Faculty of Philology „Blazhe Koneski“. Skopje.
- Петровъ, Г. „Мисли върху революционата борба въ Македония и Одринско“. *Македонски прегледъ*, 1, 7. 1905.
- Петрова, Е. „Peonia in the 2nd and the 1st millenia BC“. *Editio Monumenta Macedoniae*, 3. Skopje, 1999.
- Пипинъ, А. *Вестникъ Европья.* „О славяъ делахъ“, кн. 6, 6/1893. С. Петербургъ, 712-759.

- Пловдиски, К. *Натанаил митрополит охридски и пловдивски (1820 - 1906)*. София, 1952.
- *Политички вјесник*, бр. 20-21, 1940.
- Полјански, А. Х. „Антони Мјечник и неговиот труд 'Македонија и Македонците'." *Историја*, 1. Скопје, 1969.
- Полјански Андонов, Х. „Велика Британија и Македонија". *Годишен зборник на филозофскиот факултет*, 5-6: 31-32. Скопје, 1979 - 1980.
- Полјански, А. Х. „Вилијам Гледстон за македонското прашање". *Историја*, 2. Скопје, 1969.
- Полјански, А. Х. „Учество на Мирослав Хубмаер во Кресненското востание". *Одбрани дела*, 2. Скопје, 1981.
- Полјански, А. Х. *Кон осумдесетгодишнината од загинувањето на Гоце Делчев (1903 - 1983)*. Пула, 1985.
- *Политическа свобода*. „Кон народот". София, 28.3.1898.
- Поплазаров, Р. „Бугарски искажувања на маедонската историја и посебно за илинденското востание". *Прилози за Илинден*, II. 1978: 167-171.
- Поповић, Ђ. *Бугари и Бугарска (историјска црта)*. Браство. Београд, 1867.
- Поповски, В. „Борбата за создавање македонска државност во периодот на Големата источна криза". Научна конференција на МАНУ и БАН. *Зборник - Ослободителните борби на Македонија од источната криза до балканските војни.* Битола, 24 јули 2015.
- Поповски, В. „Влияние великих держав на судьбы Албании и Македонии (1912 - 1913)". *Гласник*, 1-2. ИНИ. Скопје, 2018: 99-107.
- Поповски, В. „Деноминацијата на Македонија и Македонците во 1903 година". *Гласник*, ИНИ 61/1.Скопје, 2017: 149 - 158.
- Поповски, В. „Советскиот Сојуз, ВМРО и македонското прашање меѓу двете светски војни". *Гласник*, 53, 1-2. ИНИ. Скопје, 2009.
- Поповски, В. „Судирот меѓу македонскиот и и рускиот фактор по прашањето за формирање на македонската држава од Берлинскиот конгрес до Балканските војни". *Гласник*, 50, ИНИ. Скопје, 2006.
- *Правда*, „Једно страно мишљење о македонствујушчима: г. Анри Барбис о Македонствујушчима".бр. 209. Београд, 5.8.1928.
- *Правда*. „Данашња Немачка и Југославија". Београд, 14.4.1934.
- *Право*, II/31 (39). „Вътрешната революционна организация, месни пречки". 22 септември 1902.
- *Право*, 30.11.1870 год.
- *Право.* „Вътрешната революционна организация, месни пречки". II/31 (39). 22 септември 1902.
- Проева, Н. „Религијата на античките Македонци". *Bibliotheca Historia Antiqua Macedonica*, no 11. Скопје, 2014.

- Proleter, br. 9, 10, 11. Oktombar, novembar, decembar 1940: 743.
- *Ѓорѓија Пулевски: Одбрани страници* (избор, редакција, предговор и забелешки Блаже Ристовски). Скопје, 1974.
- *Pućki Prijatelj* „Turska“, br. 1. Krk, 1908.
- *Работническо дело* (Уводна статија). София, 27 декември 1944.
- Радонић, Ј. „Прилози за историју Срба у Угарској у XVI, XVII и XVIII веку“. *Матице српске*, бр. 25-26, прва књига. Нови Сад, 1908.
- Радонић, Ј. „Ђурађ Кастриот Скендербег и Арбанија у XV веку“. *Споменик*, XCV. САН. Београд, 1942.
- *Разгледи*, Скопје, X/8. 1968: 996-1000; 13/1, 1971: 113-116; XIII/1: 117-118; X/7, 1968, 847 - 851; X/7, 1968, 851-853;
- *Рекордер*, „Бугарите иритирани од Македонците: Борба за завршување на предвиденото“. Порт Пири, 15.5.1923, *Македонија во странскиот печат*. ДАРМ. Скопје.
- *Реформи*, 36. София. 16.8.1903; *Странскиот печат за Илинденското востание*. Скопје, 1953: 72.
- Ризовъ, Р. *Страници од миналото: Маката на Гоце*. Македонско дело, 2/10.5.1927, бр. 41.
- Ристовски, Б. „Димитрија Чуповски (1878 - 1940) и Македонското научно-литературно другарство во Петроград“. *Прилози кон проучувањето на македонско-руските врски и развитокот на македонската национална свест*. Скопје, 1978.
- Ристовски, Б. „Јасно слонце от вастока исходит“. *Македонско време*. Скопје, септември 1997.
- Ристовски, Б. ,,Да востанат сите Македонијанци против непријателот“. *Македонско време*. Скопје, октомври 1997.
- Ристовски, Б. *Димитар В. Македонски*. МАНУ. Скопје.
- Ристовски, Б. *Македонската национална свест од лозарството до другарството: Ослободителните борби на Македонија од источната криза до Балканските војни*. БАН. София, 2016.
- Ристовски, Б. *Ѓорѓија М.* „Пулевски и неговите книшки *Самовила Македонска* и *Македонака песнарка*“. Библиотека на списанието *Македонски фолклор*, 1. Институт за фолклор. Скопје, 1973.
- Ристовски, Б. *Македонската национална свест од лозарството до другарството: Ослободителните борби на Македонија од Источната криза до Балканските војни*. БАН. София, 2016.
- Ристовски, Б. *Првобитното име на Самоиловото Царство било Склавинија? Македонскиот идентитет низ историјата, ИНИ, 2010, Скопје*.
- Ристовски, Б. Руската наука политика и публицистика за македонскиот етнокултурен развиток (1878 – 1914), Зборник, Македонија и руската

политика на Балканот од Берлинскиот конгрес до првата свветска војна, МАНУ, Руска академија на науките, Институт за славистика, Скопје, 2008.
- Ристовски, Б. „Статија на Д. Чуповски за Македонија од 1923 година“. *Историја*, 2. Скопје, 1971.
- Ристовски, Б. „Улогата и местото на битолчанецот Дијамндија Мишајков во македонската културно-национална историја“*. Научна мисла*. Друштво за наука и уметност. Битола, 1980.
- Ристовски, Б. *Формирањето на националната свест на православните балкански народи во XIX век“: Прилози*, XXVIII, 1-2. МАНУ - Одделение за општествени науки. Скопје, 1997.
- Росолкоска-Николовска, З. „Црквата св. Ѓорѓи во Горен Козјак во светлината на новите испитувања“. *Зборник „Кирил Солунски“*, кн. 1. МАНУ. Скопје, 1970.
- Rossos, A. „The British Foreign Office and Macedonian National Identity, 1918 - 1941“. *Slavic Review*, 53, 2. Summer, 1994.
- Routier, G. *La question macédonienne - on doit au people la vérité*. Paris, 1904.
- Салганджиев, Ст. *Лични дѣла и спомени по възрждането на солунскитѣ и сѣрскитѣ Българи*. Пловдивъ, 1906.
- Самарџић, Р. „Традиција и преображај код Срба“. *Зборник МС за историју*. Нови Сад, 1988: 125-128.
- Саракински, В. *Македонците меѓу барбарството и хеленството: Прилози за историјата на Македонија и македонската култура*. МАНУ. Скопје, 2021.
- *Свѣтъ*, С. Петербургъ, ян. 1885.
- Светозаревиќ, Б. *Осврт кон националната дејност на игуменот Езекил во Лешочкиот манастир (1878 - 1898)*, 2. ИНИ. Скопје, 1998.
- Сенкевич, И. Г. „Нови материјали од Архивот на М. А. Хитрово“. *Гласник*, 1965.
- Синадиноски, Д. „Првите наши имигранти во САД се декларирале како Македонци“. *Весник*. 8.1.2008.
- Сидоровска-Чуповска, С. *Учителите во градењето на македонскиот идентитет: Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010.
- Славейков, П. Р. „Македонскийт въпрос“. *Македонія*, г. V, бр. 3. Цареградъ, 18.1.1871.
- Славеска, Л. *Полог и Македонија во грамотата на цар Стефан Душан за манастирот свети Архангели кај Призрен: Социјално-економскат структура на неговите метохии и системот на нивната феудална експлоатација: Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*. Архив на Македонија. Скопје, 1980.
- *Славянски век*. Виена, 62, 15/28.2.1903.
- *Slovenski narod*, 31. Ljubjlana, 9.2.1903; 149. 2.VII 1903: 1-2.

- Smits, G. „Macedonisch land, Macedonische steden en Macedonische menschen“. *Onze Aarde*, No. 5, juni, 1934.
- Снегаровъ, И. *Солун въ българската духовна култура*. София, 1937.
- *Србобран*, бр. 476. 5.12.1918.
- Скок, П. „Критиковање г. Младенова“. *Гласник Скопског научног друштва*, књига V. Скопље, 1929.
- Ставови-Кавка, И. *Границите на Макеонија - хронологија на идеите за нивни промени: Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010.
- Стаматоски, Т. *Никола Поп Филипов, ран претходник на Мисирков: Македонскиот јазичен идентитет*. Скопје, 47.
- Стојановски, С. *Европа и Балканот: Историско наследство и конструкција на колективните идентитети*. Central and Eastern European Online Librar, Journal for European Issues Evrodijalog, 11/2009: 173-186.
- Стојановски, С. - Љоровски, Д. *Појавата на македонскиот про-тонационализам: Употребата на терминот македонски јазик во грчките извори од почетокот на XX век*, 274.
- Стојановски, А. *Македонија под турска власт*. Скопје, 2006.
- Стојановски, С. *Европа и Балканот: историско наследство и конструкција на колективните идентитети*. Central and Eastern European Online Librar, Journal for European Issues Evrodijalog, 11/2009, 173-186.
- Стојков, С. „Бугарскиот етнос и мултиетничка Бугарија - константа и еволуција на сфаќањата во византиските извори во X век“. *Гласник.* ИНИ. 59, 1-2. 2015.
- Стойковъ, П. (македонски поборник) *Ключът на македонската революция*. София, 1898.
- Стојчев, В. *Македонскиот идентитет во античиот период.* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Институт за историја и археологија. Годишен зборник. 2010.
- *Sunderleand Daily Echo and Shiping Gazette*. Sunderland, April 9, 1910.
- *Sun Francisko Call*, Volume 93, Number 130, 9 April 1903.
- Терзиоски, Р. „Сведоштва за некои насоки на руската дипломатија во спречувањето на Македонското револуционерно движење“. *Зборник - Македонија и руската политика на Балканот од Берлинскиот конгрес до Првата светска војна*. МАНУ - Руска академија на науките - Институт за славистика. Скопје, 2008.
- Тодоровски, Г. „Формирањето на ВМРО според ракописните мемоари на Иван Хаџи Николов“. *Разгледи*, XI/10. 1969.
- Тодоровски, З. *Автономистичката ВМРО на Тодор Александров 1919 - 1924*. Макавеј. Скопје, 2013.
- Томоски, Т. *Населението на Битолскиот Санџак во 1897 година*, според статистичкиот преглед на австроунгрскиот вицеконсул А. Крал“. *Историја*, 1 Скопје, 1969.
- Трајановски, А. „Политиката на Бугарската егзархија во Македонија (1870 - 1893)“. *Историја*, 2. Скопје, 1980.

- Трайкова, В. *Към проблема за националните идентичности (с особен поглед към българи и Гърци): Опит за преосмисяне.* Институт за исторически изследвания при БАН. София, 8. Доклад.
- *Трудова Македония*, III, 1, 15, III, 1936, 1-5; 30. III, 1936, 4-5; 3, 15.8.1936, 4-5, 7; 4, 30.8.1936: 4-5, 7; III, 4, 30.08.1936.
- *Турция*, бр. 41, Цариградъ, 1.5.1865, кн. II, 265.
- „Успомене Ристе И. Ивановића". *Браство*, XXVII. Београд, 1934.
- Фиданова, С. „По повод на една народно-фронтовска акција во Велес во 1940 год." *Историја*, 1. Скопје, 1967.
- Фиданова, С. „Прилог кон прашањето за националното ослободување и обединување на македонскиот народ во документите на партиското раководство на КПМ во текот на народносолободителното движење". *Историја*, 2. Скопје, 1970.
- Finka, B. „Makedonsko ime u staroj hrvatskoj kajkavskoj književnosti". *Македонски јазик*, XXXII-XXXIII, 1981-1982. Skopje, 1982: 765-767.
- *Heraldo de Madrid*. Madrid, 1928.
- Horvat, K. „Novi historijski spomenici za povjest Bosne и susednih zemalja". *Glasnik Zem. muzeja u BiH*, XXI. Sarajevo, 1989.
- Чепреганов, Т. *Колективната меморија во македонскиот идентитет: Македонскиот идентитет низ историјата*. ИНИ. Скопје, 2010.
- Чепреганов, проф. д-р Т. - Џинго, проф. д-р Т. - Јосимосвска, вон. проф. д-р В. - Цацкова, вон. проф. О. - Николова, доц. д-р С. *Македонскиот национален идентитет во британската и американската дипломатска и разузнувачка кореспонденција (1919 - 1945)*, Штип, 2021.
- *Читалище*. Цареградъ, 1/7, 1871, 214-216.
- Џамбазовски, К. „Два документа за проучувањето на националниот развиток на македонскиот народ меѓу двете светски војни". *Историја*, 2. Скопје, 1973.
- Џамбазовски, К. „Неуспел обид за издавањето на Македонскиот лист во Цариград 1887 година". *Современост*. Скопје, 1964.
- Džambazovski, dr. K. „Srpska socijalistićka štampa o makedonskom nacionalnom pitanju poslednjih decenija XIX veka: Počeci socijalističke štampe na Balkanu". *Međunarodni naučni skup posvećen stogodišnjici izlaska „Radenika".* Beograd, 1974.
- Џамбазовски, К. „Неуспел обид за издавањето на Македонскиот лист во Цариград 1887 година". *Современост*. Скопје, 1964.
- Џамбазовски, К. *Стојан Новаковиќ и македонизам*. Историјски институт. Београд, 1966.
- Џамбазовски, д-р К. „Најглавната работа е Македонија да се помакедончи". *Нова Македонија*. Скопје, 1960.
- Џамбазовски, К. „Нови прилози за Македонското сепаратистичко движење". *Гласник*, 2. 1964.

- Jett Lauck, W. „The Economic Investigations of the Inited Sates Immigration Commission“. *The Journal of Political Economy*, T. 18, 7. Jully, 1910.
- *The Jewish Herald.* Houston, Texas, maech 31, 1910.
- Шатев, П. „Македонското националноослободително движение“. *Македонско дело*, бр. 11, 1926.
- Šišić, F. „Hrvatski saborski spisi“. *Monumenta*, XXXIII. Zagreb, 1912.
- Шукарова, А. *Меморија и идентитетот: Македонскиот идентитет низ историјата.* ИНИ. Скопје, 2010.